1. . . „БОГ СО НАС"

„И ќе го наречат Емануел,... Бог со нас". „Светлината на познавањето на Божјата слава" се видела „на лицето на Исуса Христа". Од вечни времиња Господ Исус Христос бил едно со Таткото; Тој бил „Божји лик," лик на Неговата големина и величество, „одблесок на Неговата слава". Тој дошол за да ја покаже на нашиот свет таа слава. Дошол на оваа, од грев замрачена Земја, за да ја открие Светлината на Божјата љубов да биде „Бог со нас". Затоа за Него е пророкувано: „И ќе го наречат Емануел". {КВ 19.1}

Доаѓајќи да живее меѓу нас, Христос дошол да го открие Бога и на луѓето и на ангелите. Тој бил Божјата Реч Божја мисла што можела да се чуе. Во молитвата за Своите ученици, Тој рекол: „Им го објавив Твоето име" „милостив и полн со благодат, долготрпелив, богат со добрина и вистина" „за љубовта со која Ме љубеше Мене, да биде во нив, а и Јас да бидам во нив". Но, тоа откровение не било дадено само за Неговите деца родени на оваа Земја. Нашиот мал свет е учебник на вселената. Прекрасната Божја цел на милоста, тајната на откупителната љубов тоа е тема во која „ангелите посакуваат да проникнат" и која ќе биде нивна тема за проучување низ бескрајните векови. Суштествата кои ќе бидат откупени и суштествата кои никогаш не паднале, во Христовиот крст ќе ја најдат својата наука и својата песна. Ќе се види дека славата што блеска од Исусовото лице е слава на самопожртвувана љубов. Во светлината од Голгота, ќе се види дека законот на самооткажувачката љубов е закон на животот за Земјата и Небото, дека љубовта „која не го бара своето", извира од Божјото срце и дека во Оној, Кој бил кроток и понизен се манифестирал карактерот на Оној, Кој престојува во светлината, на која ниту еден човек не може да и се приближи. {КВ 19.2}

На почетокот, Бог се открил во сите дела на создавањето. Христос бил Тој, Кој ги распрострел небесата и ги поставил темелите на Земјата. Неговата рака ги поставила световите да лебдат во просторот и му дала форма и облик на секој цвет во полето. „Тој ги утврдуваше планините со Својата сила". „Негово е морето и Тој го создал". (Псалм 65:6; 95:5) Тој ја исполнил земјата со убавина и воздухот со песна. Врз сите нешта на земјата, во воздухот и на небото, Тој ја напишал пораката за љубовта на Таткото. {КВ 20.1}

Гревот го нарушил Божјото совршено дело, но сè уште може да се забележи она што е напишано на почетокот. Дури и денес, сè што е создадено ја објавува славата на Неговата совршеност. Не постои ништо освен себичното човечко срце кое живее само за себе. Нема птица што лета низ воздухот, ниту животно што се движи по земјата, да не му служи на некој друг живот. Нема лист во шумата или тревка, а да нема своја намена. Секое дрво, грмушка и лист излеваат животна состојка без која ниту човекот, ниту животното не би можеле да живеат, а за возврат и човекот и животното му служат на животот на дрвото, на грмушката и на листот. Цвеќињата даваат убава миризба и ја откриваат својата убавина како благослов на овој свет. Сонцето ја лее својата светлина за да развесели илјадници светови. Океанот, иако извор на сите наши извори и кладенци ги прима реките од сите земји, но тој зема за да даде. Маглите што излегуваат од неговите пазуви, паѓаат како дождови за да ја натопат земјата, со цел таа да расцвета и да донесе плод. {КВ 20.2}

Небесните ангели наоѓаат своја радост во давањето љубов и во неуморното бдеење над душите кои паднале и кои се грешни. Небесните суштества се трудат да ги придобијат срцата на луѓето; на овој мрачен свет тие донесуваат светлина од Небесните дворови. Со својата блага и трпелива служба, тие делуваат на човечкиот дух, за да ги

доведат загубените во заедница со Христа, Кој им е многу поблизу, отколку што самите можат да си претпостават. {КВ 21.1}

Меѓутоа, ако го свртиме погледот од сите помали откровенија, ќе го видиме Бога во Исуса. Посматрајќи го Исуса, гледаме дека славата на нашиот Бог се состои во давањето. „Јас не правам ништо сам од Себе," рекол Христос, „Мене ме прати живиот Татко и Јас живеам преку Таткото". „Јас не ја барам Мојата слава, туку славата на Оној што ме прати". (Јован 8:28; 6:57; 8:50; 7:18) Во овие зборови е прикажано големото начело, кое е закон на животот за вселената. Христос сè добил од Бога, но Тој земал за да дава. Така, во небесните дворови, во Неговата служба за сите создадени суштества, животот на Таткото се излева преку саканиот Син врз сите, а потоа истиот, како плима на љубовта, се враќа преку Синот во пофалба и радосна служба кон големиот Извор на сè. И така, преку Христа се затвора кругот на добродетелството, претставувајќи го карактерот на големиот Дарител - законот на животот. {КВ 21.2}

Тој закон бил прекршен на небото. Потеклото на гревот лежи во себичноста. Луцифер, херувимот засолнувач, посакал да биде прв на небото. Тој настојувал да завладее со небесните суштества, да ги одвои од нивниот Творец и нивното поклонение да го придобие за себе. Затоа лажно го прикажал Бога, припишувајќи му желба за самовозвишување. Своите зли карактеристики настојувал да му ги припише на Творецот, Кој е полн со љубов. Така ги измамил ангелите. Така ги измамил и луѓето. Ги навел да се сомневаат во Божјата Реч, да немаат доверба во Неговата добрина. Бидејќи Бог е Бог на правдата и на силното величество, сатаната ги навел луѓето да Го сметаат за строг и немилосрден. Така ги навел луѓето да му се придружат во бунтот против Бога и над светот, се спуштила ноќ на проклетство. {КВ 21.3}

Земјата била обвиена со темнина, бидејќи Бог бил погрешно сфатен. За да се растераат мрачните сенки, за светот да може да се врати кај Бога, сатанската измамничка сила морала да биде скршена. Тоа не можело да се направи насилно. Применувањето сила е во спротивност со начелата на Божјото владеење. Бог посакува служење, кое е поттикнато од љубов; љубовта не може да се изнуди; не може да се придобие преку сила или авторитет. Љубовта може да се разбуди само преку љубов. Да се познава Бог, значи да се љуби Бог. Неговиот карактер мора да се истакне како спротивност на карактерот на сатаната. Ова дело може да го оствари само едно Суштество во целата вселена. Само Оној, Кој ја познава длабочината и широчината на Божјата љубов, може да го објави истото. Над мрачната ноќ на овој свет мора да блесне Сонцето на праведноста со „исцелување во Неговите крилја". (Малахија 4:2) {КВ 22.1}

Планот за нашето спасение не е донесен дополнително, не е формулиран по Адамовиот пад во грев. Тој бил „откровение на тајната за која се молчеше од вечни времиња". (Римјаните 16:25) Тој е откровение на начелата, кои од вечните векови претставувале темел на Божјиот престол. Бог и Христос уште на почетокот знаеле за отпаднишството на сатаната и за човековиот пад предизвикан со делувањето на измамната сила на отпадникот. Бог не замислил гревот да постои, но предвреме видел дека тој ќе се појави и преземал мерки за соочување со таа ужасна појава. Неговата љубов кон светот била толку голема, што се заветувал да го даде Својот Единороден Син „за ниту еден кој верува во Него, да не загине, туку да има вечен живот". (Јован 3:16) {КВ 22.2}

Луцифер рекол: „Јас ќе го воздигнам својот престол над ѕвездите Божји... јас ќе бидам сличен на Севишниот". (Исаија 14:13,14) Меѓутоа, Христос „Кој, иако беше во Божјо обличје, Сепак не држеше многу до тоа што е еднаков со Бога, туку Себеси се

понизи, земајќи обличје на слуга и станувајќи сличен на луѓето”. (Филипјаните 2:6,7) {КВ 22.3}

Тоа била доброволна жртва. Исус можел да остане покрај Таткото. Тој можел да остане во славата на Небото и да го задржи почитувањето на ангелите. Меѓутоа, Тој повеќе сакал да го врати жезолот во рацете на Својот Татко и да се симне од престолот на вселената, за да им донесе светлина на оние кои се во темнина и живот на оние што гинат. {КВ 22.4}

Пред речиси две илјада години, од Божјиот престол на Небото се слушнал Глас со таинствено значење: „Еве Доаѓам”. „Не сакаше ни жртви ни дарови, но ми приготви тело... Еве Доаѓам за мене е напишано во книгата да ја вршам Твојата волја Боже”. (Евреите 10:5-7) Со овие зборови е објавено исполнувањето на целта, која била скриена од вечни времиња. Христос бил подготвен да го посети нашиот свет и да се отелотвори. Тој вели: „Ти ми приготви тело”. Доколку се појавил во славата што ја имал при Таткото уште пред создавањето на светот, ние не би можеле да ја издржиме Светлината на Неговото присуство. Манифестирањето на Неговата слава било придушено, за да можеме ние да ја посматраме и да не бидеме уништени. Неговото Божество било обвиткано со она што е човечко невидливата слава била обвиткана со видлив човечки облик. {КВ 23.1}

Таа голема цел била навестена во слики и симболи. Грмушката што горела, во која Христос му се јавил на Мојсеј, го откривала Бога. Симболот, избран за да го прикаже Божеството бил една ниска грмушка, која навидум немала никаква привлечност. Таа била како храм за Бесконечниот. Милостивиот Бог ја криел Својата слава во најпонизниот симбол, за да може Мојсеј да го гледа и да остане жив. Така, со помош на столбот од облак дење и со столбот од оган навечер, Бог одржувал врска со Израел, откривајќи им ја на луѓето Својата волја и давајќи им ја Својата милост. Божјата слава била прикриена, а Неговото величество завиткано во превез, за да можат да го видат слабите човечки очи. Така Христос требало да дојде во „нашето понижено тело“ (Филипјаните 3:21), „станувајќи сличен на луѓето”. Во очите на светот Тој не поседувал никаква убавина поради која тие би Го посакале; Сепак, Тој бил отелотворен Бог, Светлината на Небото и на Земјата. Неговата слава била обвиена со превез. Неговата големина и величество биле скриени, за да може да им се приближи на тажните луѓе, изложени на искушение. {КВ 23.2}

Бог му заповедал на Мојсеј за Израел: „Нека ми направат светилиште за да можам да престојувам меѓу нив“ (Излез 25:8), и Тој престојувал во светилиштето, среде Својот народ. Во текот на нивното заморно талкање низ пустината, Симболот на Неговото присуство бил со нив. Така и Христос поставил Свој шатор покрај шаторот на луѓето, за да може да престојува меѓу нас и за да не запознае со Својот божествен карактер и живот. „Речта стана тело и се всели меѓу нас. И ние ја видовме Неговата слава славата што ја има како единороден од Таткото, полн со благодат и вистина. (Јован 1:14) {КВ 23.3}

Откако Исус дошол да престојува меѓу нас, ние знаеме дека Бог е запознаен со нашите неволји и дека Тој сочувствува со нас во нашите жалости. Секој Адамов син и ќерка можат да увидат дека нашиот Творец е пријател на грешниците. Зашто во секое учење за Божјата благодат, во секое ветување на радост, секој акт на љубов, во секоја божествена привлечност што се манифестирала во животот на Спасителот на Земјата, ние гледаме дека „Бог е со нас”. {КВ 24.1}

Сатаната го прикажува Божјиот закон на љубов, како закон на себичност. Тој вели дека е невозможно да ги исполнуваме прописите на тој закон. За падот на нашите прародители и за сите страдања, кои произлегле од тоа, тој го обвинува нашиот Творец, наведувајќи ги луѓето да го сметаат Бога како творец на гревот, страдањето и смртта. Исус имал задача да ја разоткрие таа измама. Како еден од нас, Тој требало да покаже пример на послушност. Заради тоа, ја зел на Себе нашата природа и поминал низ нашите искуства. „Затоа во сè требаше да биде сличен на Своите браќа". (Евреите 2:17) Доколку би требало да поднесеме нешто што Исус не го поднел, врз основа на тоа, сатаната би кажал дека Божјата сила за нас би била недоволна. Затоа Исус бил „во сè искушан како нас". (Евреите 4:15) Тој ги поднел сите проби на кои ние сме изложени. Во Своја корист, Тој не употребил никаква сила што не ни е дарежливо понудена и нам. Како човек, Тој бил изложен на искушение и го совладал со силата што му ја дал Бог. Тој вели: „Наоѓам задоволство да ја творам Твојата волја Боже и Твојот закон ми е во срцето". (Псалм 40:8) Правејќи добри дела и исцелувајќи ги оние кои биле погодени од сатаната, Тој јасно им го покажал на луѓето карактерот на Божјиот закон и природата на Својата служба. Неговиот живот сведочи за тоа дека е можно и ние да бидеме послушни на Божјиот закон. {КВ 24.2}

Со Својата човечка природа Христос го допрел човештвото со Своето божество Тој се држел за Божјиот престол. Како Син Човечки, Тој ни пружил пример на послушност како Божји Син, Тој ни дава сила да бидеме послушни. Христос бил Тој, Кој од грмушката на планината Хорив му проговорил на Мојсеј велејќи: „ЈАС СУМ ОНОЈ ШТО Е... Вака ќе им кажеш на синовите Израелеви: ЈАС СУМ ме прати кај вас'". (Излез 3:14) Тоа било гаранција за избавувањето на Израел. Кога дошол „во човечко обличје", Тој се претставил како ЈАС СУМ. Детето од Витлеем, кроткиот и понизен Спасител е Бог, Кој се „јави во тело". (1. Тимотеј 3:16) А нам Тој ни вели: „ЈАС СУМ Добриот Пастир". „ЈАС СУМ Живиот Леб". „ЈАС СУМ Патот, Вистината и Животот". „Ми се даде секоја власт на Небото и на Земјата". (Јован 10:11; 6:51; 14:6; Матеј 28:18) „ЈАС СУМ" уверување за секое ветување. „ЈАС СУМ", не плашете се. „Бог со нас" е гаранција за нашето ослободување од грев, гаранција дека ќе имаме сила да бидеме послушни на законите на Небото. {КВ 24.3}

Понизувајќи се Себеси, со цел да земе на Себе човечка природа, Христос открил карактер, кој бил потполно спротивен на сатанскиот карактер. Меѓутоа, Тој се спуштил уште пониско на патот на понизноста. „И откако се најде во лик на човек, Тој се понизи Самиот Себе и стана послушен до смрт, дури и до смрт на крст". (Филипјаните 2:8) Како првосвештеникот, кој ја соблекувал прекрасната првосвештеничка облека и ја вршел службата во бела платнена облека како обичен свештеник, така и Христос земал облик на слуга и принел жртва - Самиот свештеник, Самиот жртва. „Тој беше ранет за нашите престапи, биен за нашите беззаконија; беше казнет заради нашиот мир". (Исаија 53:5) {КВ 25.1}

Кон Христа се постапувало онака, како што ние заслужуваме да се постапува кон нас, за со нас да се постапува онака, како што заслужува Тој. Тој бил осуден заради нашите гревови во кои немал никаков удел, за ние да се оправдаме со Неговата праведност, во која не сме имале никаков удел. Се согласил на смрт, која ни припаѓала нам, за ние да примиме живот што бил Негов. „Со Неговите рани ние се исцеливме". {КВ 25.2}

Преку Својот живот и Својата смрт, Христос постигнал дури и повеќе од избавување од пропаста што ја донел гревот. Целта на сатаната била засекогаш да го одвои човекот

од Бога. Меѓутоа, во Христа сме се соединиле со Бога многу поцврсто, отколку никогаш да не сме паднале. Земајќи ја на Себе нашата природа, Спасителот се врзал со човештвото со врска, која никогаш повеќе нема да се раскине. Тој е поврзан со нас засекогаш. „Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син". (Јован 3:1б) Тој Го дал не само да ги понесе нашите гревови и да умре како наша жртва; Тој му Го подарил на паднатиот род. За да не увери за Неговите непроменливи мисли за мир кон нас, Бог го дал Својот Единороден Син да стане член на човечкото семејство, засекогаш да ја задржи Својата човечка природа. Тоа е гаранција дека Бог ќе го одржи Својот збор. „Ни се роди дете, добивме син; и власта ќе биде на Неговите рамења". Бог ја усвоил човечката природа во личноста на Својот Син и ја пренел во највисокото небо. „Синот Човечки" е оној што го дели престолот на вселената. „Синот Човечки" е Тој, чиешто име ќе биде: „Прекрасен, Советник, силен Бог, вечен Татко, Кнез на Мирот". (Исаија 9:6) ЈАС СУМ е посредник помеѓу Бога и човештвото, Кој со Својата рака ги држи двете страни. Оној, Кој е „свет, добронамерен, неосквернет, одвоен од грешниците," не се срами да не нарече браќа. (Евреите 7:26; 2:11) Во Христа се поврзани земното и небесното семејство. Христос прославениот е наш брат. Небото е отелотворено во човештвото, а човештвото е во прегратка на бескрајната Љубов. {КВ 25.3}

Бог вели за Својот народ: „Тие ќе бидат како камења во круна, подигнати како бајрак во Неговата земја. Зашто колку е голема Неговата добрина, и колку е голема Неговата убавина!" (Захарија 9:16,17) Издигнувањето на спасените ќе биде вечно сведоштво за Божјата милост. „Во вековите што следат," Тој ќе го „покаже изобилното богатство на Својата милост, според Својата добрина кон нас, преку Исуса Христа". „Да им се... објави на поглаварствата и на властите на Небото... многу различната Божја премудрост, според вечната одлука што ја оствари во нашиот Господ Исус Христос". (Ефесјаните 2:7; 3:10,11) {КВ 26.1}

Преку Христовото дело на откупување е оправдана Божјата власт. Семоќниот е прикажан како Бог на љубовта. Сатанските обвинувања се побиени, а неговиот карактер откриен. Бунт веќе никогаш повторно не може да се подигне. Гревот веќе никогаш нема да се појави во вселената. Низ вечните времиња сите ќе бидат заштитени од отпаднишство. Со самопожртвуваноста на љубовта, жителите на Небото и на Земјата се поврзани со нераскинливи врски со својот Творец. {КВ 26.2}

Делото на спасение ќе биде довршено. На местото, каде што гревот изобилувал, Божјата милост ќе изобилува многу повеќе. Самата Земја, местото за кое сатаната тврди дека е негово, нема само да биде само откупена, туку и возвишена. Нашиот мал свет, кој поради проклетството на гревот претставува единствена темна дамка во Неговото величествено дело на создавање, ќе биде издигнат над сите останати светови во Божјата вселена. Овде, каде што Божјиот Син престојувал во облик на човек, каде што Царот на славата живеел, страдал и умрел овде, каде што Тој ќе создаде сè наново, ќе биде Божјиот шатор со луѓето, „и Тој ќе живее со нив, и тие ќе бидат Негов народ и Сам Бог ќе биде со нив и ќе биде нивен Бог". И низ бескрајните векови, додека спасените живеат во светлината на Господа, тие ќе Го фалат за Неговиот неискажлив Дар за Емануел „Бог со нас". {КВ 26.3}

2. ИЗБРАН НАРОД

Повеќе од илјада години еврејскиот народ го очекувал доаѓањето на Спасителот. Во овој настан тие ги полагале своите најсветли надежи. Во песните и пророштвата, во обредите на храмот и домашните молитви го споменувале Неговото име. Сепак, кога дошол, тие не го познале. Оној, Кого Небото го љубело, за нив бил како „корен од сува земја". Тој „немаше ни става ни изглед," и тие не виделе кај Него никаква убавина за да го посакаат. „При своите дојде, но своите не го примија". (Исаија 53:2; Јован 1:11) {КВ 27.1}

Сепак Бог го избрал Израел. Тој го повикал за да го сочува меѓу луѓето знаењето за Својот закон и симболите и пророштвата што укажувале на Спасителот. Тој посакувал тие да бидат извор на спасение за светот. Она што бил Авраам за земјата во која престојувал, она што бил Јосиф за Египет, а Даниел за вавилонскиот двор, тоа требало да биде еврејскиот народ меѓу народите. Тие требало да им го откријат Бога на луѓето. {КВ 27.2}

Во повикот упатен на Авраам, Господ рекол: „Ќе те благословам... и ти ќе бидеш благослов... и во тебе ќе бидат благословени сите племиња на Земјата". (Создавање 12:2,3) Истото учење го повторувале и пророците. Иако Израел бил исцрпен од војните и ропството, нему му било дадено ветувањето: „Тогаш остатокот на Јакова ќе биде меѓу многубројните народи како роса што доаѓа од Бога и како ситен дожд на трева, кој ниту се задржува заради човек, ниту чека на синовите човечки". (Михеј 5:7) Што се однесува до храмот во Ерусалим, Господ рекол преку Исаија: „Мојот дом ќе се вика дом на молитва за сите народи". (Исаија 56:7) {КВ 27.3}

Меѓутоа, Израелците ги насочиле своите надежи кон световна големина. Откако влегле во Хананската земја, тие се оддалечиле од Божјите заповеди и тргнале по патот на незнабошците. Попусто Бог им испраќал предупредувања преку Своите пророци. Тие напразно страдале од угнетувањето на незнабошците. По секоја реформација Доаѓало до уште подлабок отпад. {КВ 28.1}

Кога Израел би му бил верен на Бога, Тој би можел да ја исполни Својата цел со помош на нивната слава и возвишеност. Кога би оделе по патот на послушноста, Тој би ги издигнал „во пофалба, во име и во чест над сите народи што ги создал". „И ќе видат сите народи на Земјата," рекол Мојсеј, „дека се викаш Господов народ и ќе се плашат од тебе". „Кога народите ќе слушнат за сите овие закони," ќе кажат: „Овој голем народ е мудар и разумен народ". (Второзаконие 26:19; 28:10; 4:6) Меѓутоа, заради нивната неверност, Божјата цел можела да се оствари само низ постојана несреќа и понижувања. {КВ 28.2}

Тие биле одведени во вавилонско ропство и расеани по земјите на незнабошците. За време на неволјите многумина ја обновиле својата верност кон Неговиот завет. Додека ги обесувале своите харфи на врбите и плачеле за светиот храм, кој бил разрушен, светлината на вистината блескала низ нив и знаењето за Бога се ширело меѓу народите. Незнабожечките системи на принесување жртви претставувале изопачување на оној систем што го воспоставил Бог и многумина кои искрено се придржувале за незнабожечките обреди, научиле од Евреите каква била смислата на службата според божествените прописи и со вера го усвоиле ветувањето за Откупителот. {КВ 28.3}

Многу изгнаници биле изложени на прогонство. Не бил мал бројот на оние кои го загубиле животот, бидејќи одбиле да се откажат од саботата и да ги празнуваат незнабожечките празници. Кога идолопоклониците се дигнале да ја уништат вистината,

Господ ги довел Своите слуги пред лицето на царевите и владетелите, со цел тие и нивниот народ да ја примат светлината. Многупати, најголемите владетели биле доведени во ситуација да ја прогласат врховната надмоќ на Бога, Кого го обожавале нивните еврејски робови. {КВ 28.4}

Со вавилонското ропство Израелците биле ефикасно лекувани од обожавање на киповите. Во текот на следните векови тие страдале поради угнетувањата од страна на незнабожечките непријатели, така што стекнале цврсто уверување дека нивниот напредок зависи од нивната послушност кон Божјиот закон. Меѓутоа, кај многумина од нив послушноста не произлегувала од љубов. Нивните побуди биле себични. Тие му служеле на Бога само со надворешни знаци, како средства за постигнување национална големина. Тие не станале светлина на светот, туку се оддалечувале од светот, за да не паднат во искушение да станат идолопоклоници. Во упатствата дадени преку Мојсеј, Бог ги одредил ограничувањата во поглед на нивното дружење со идолопоклониците, но тоа учење било погрешно протолкувано. Неговата цел била да ги спречи да не се прилагодат на обичаите на незнабошците. Меѓутоа, тоа било употребено за да се подигне ѕид, кој го одвојува Израел од сите други народи. Евреите гледале на Ерусалим како на свое небо и всушност тие биле љубоморни што Господ сакал да ја искажува Својата милост и кон незнабошците. {КВ 28.5}

По враќањето од Вавилон големо внимание било посветено на верското образование. Насекаде, низ целата земја, се граделе синагоги во кои свештениците и книжевниците го толкувале законот. Биле основани и училишта во кои, покрај уметноста и науката, се предавале и начелата на праведноста. Меѓутоа, тие установи се изопачиле. За време на ропството, многумина од нив ги прифатиле незнабожечките идеи и обичаи и ги внеле во верската служба. Во многу нешта тие се прилагодиле кон обичаите на идолопоклониците. {КВ 29.1}

Оддалечувајќи се од Бога, Евреите во голема мера го изгубиле од вид учењето на обредната служба. Таа служба ја воспоставил Христос. Во секое свое дело, таа симболично го претставувала Него и била исполнета со животна сила и духовна убавина. Меѓутоа, обредите на Евреите го изгубиле својот духовен живот и го задржале само мртвиот облик. Тие се надевале во жртвите и обредите, наместо да се потпираат на Оној, на Кого тие укажувале. За да ја надоместат оваа загуба, свештениците и рабините сè повеќе поставувале свои сопствени барања и колку повеќе станувале построги, толку помалку се манифестирала Божјата љубов. Тие ја мереле својата светост со бројот на своите обреди, додека срцата им биле исполнети со горделивост и со лицемерие. {КВ 29.2}

Заедно со сите нивни бесмислени и тешки прописи, било невозможно да се држи законот. Оние, кои посакувале да му служат на Бога, и кои се обидувале да се придржуваат до правилата на рабините, се мачеле под тешко бреме. Тие не можеле да најдат одмор од осудувањата на вознемирената совест. Така работел сатаната, со цел да ги обесхрабри луѓето, да го намали нивното сфаќање за Божјиот карактер, и да ја доведе до презир религијата на Израел. Тој се обидувал да го воспостави она што го тврдел на небото дека Божјите барања се неправедни и дека не можат да бидат исполнувани. „Дури и Израел“, тврдел тој, „не го држи законот”. {КВ 29.3}

Иако Евреите го посакувале доаѓањето на Месијата, тие немале правилно сфаќање за Неговата мисија. Тие не барале ослободување од гревот, туку ослободување од Римјаните. Очекувале Месијата да дојде како освојувач, да ја скрши силата на

угнетувачите и да го возвиши Израел до светска власт. Така, за нив бил подготвен патот да го отфрлат Спасителот. {КВ 29.4}

Во времето на Христовото раѓање народот бил огорчен од владеењето на странските господари и бил растргнат од внатрешна неслога. На Евреите им било дозволено да ја задржат формата на самостојна управа, но Сепак, ништо не можело да го прикрие фактот дека биле под римско ропство, ниту да ги наведе да се помират со ограничувањето на својата моќ. Римјаните имале право на именување и промена на првосвештеникот и до оваа служба, често се доаѓало со измама, поткуп па дури и со убиство. Така свештенството станувало сè порасипано. Сепак, свештениците сè уште располагале со голема власт што ја искористувале за остварување на своите себични и користољубиви цели. Народот бил изложен на нивните немилосрдни барања, а исто така и Римјаните им наметнувале тешки даноци. Таквата состојба предизвикала широко распространето незадоволство. Народните буни зачестиле. Алчноста и насилството, недовербата и духовната рамнодушност го разјадувале срцето на нацијата. {КВ 30.1}

Омразата кон Римјаните, националната и духовната гордост ги навеле Евреите уште построго да се придржуваат кон нивните облици на богослужение. Свештениците се труделе да го сочуваат гласот дека се свети, придржувајќи се грижливо за верските обреди. Во мрак и под товар, народот и владетелите копнееле по доаѓањето на Оној, Кој ќе ги победи нивните непријатели и ќе го возобнови израелското царство. Тие ги изгубиле од вид оние делови од Светото Писмо, кои укажуваат на понижувањето на првото Христово доаѓање и погрешно ги толкувале оние делови, кои зборуваат за славата на Неговото второ доаѓање. Гордоста ја помрачила нивната моќ на сфаќање. Тие го толкувале пророштвото во согласност со нивните себични желби. {КВ 30.2}

3. „КОГА СЕ ИСПОЛНИ ВРЕМЕТО"

„Но, кога се исполни времето, Бог Го испрати Својот Син... за да ги откупи оние што се под Закон, та да го примиме посинувањето.” (Галатјаните 4:4,5) {КВ 31.1}

Доаѓањето на Спасителот било претскажано уште во Едем. Кога првпат го слушнале тоа ветување, Адам и Ева очекувале дека тоа брзо ќе се исполни. Тие радосно го поздравиле раѓањето на својот прв син, надевајќи се дека тој би можел да биде Избавителот. Меѓутоа, исполнувањето на ветувањето се оддолжило. Оние, кои први го примиле ова ветување умреле, без да го видат неговото исполнување. Почнувајќи од деновите на Енох, ова ветување го повторувале патријарсите и пророците, со што се одржувала надежта во Неговото доаѓање, но сепак, Тој сè уште не доаѓал. Пророштвото на Даниел го открило времето на Неговото доаѓање, но сите не ја протолкувале правилно оваа порака. Минувале векови и векови; гласот на пророците престанал. Раката на угнетувачот тешко го притискала Израел и многумина биле подготвени да кажат: „Ете, деновите минуваат, а од пророштвото нема ништо”. (Езекиел 12:22) {КВ 31.2}

Меѓутоа, како што ѕвездите се движат по одредени циркуларни патеки низ бескрајните пространства, Божјите намери не познаваат брзање ниту задоцнување. Употребувајќи ја симболично густата темнина и печката која дими, Бог му го открил на Авраам ропството на Израел во Египет и рекол дека времето на нивниот престој во таа

земја ќе трае четиристотини години. „Потоа,“ рекол Тој, „тие ќе излезат со големо богатство”. (Создавање 15:14) Против тие зборови напразно се борела сета сила на фараоновото горделиво царство. „Во истиот ден“ кој е одреден во божественото ветување, „излезе сета Господова војска од египетската земја”. (Излез 12:41) Исто така, во Небесниот совет бил одреден часот на Христовото доаѓање. Кога големиот часовник на времето го покажал тој час, Исус се родил во Витлеем. {КВ 32.1}

„Кога наврши времето, Бог го испрати Својот Син”. Провидението управувало со движењето на народите и со плимата на човечките побуди и влијанија, сè додека светот не созреал за доаѓање на Спасителот. Народите биле обединети под едно владетелство. Употребата на еден јазик била широко распространета и тој јазик насекаде бил признат како книжевен јазик. Евреите, расеани низ сите земји се собирале во Ерусалим поради годишните празници. Кога се враќале во своите места на живеење, можеле по цел свет да ја рашират веста за доаѓањето на Месија. {КВ 32.2}

Во тоа време слабеела моќта на незнабожечките системи над луѓето. Тие биле изморени од церемониите и од митовите. Тие копнееле по религија што може да го задоволи срцето. Иако изгледало дека светлината на вистината ги напуштила луѓето, имало души, кои копнееле по светлина и кои биле исполнети со збунетост и тага. Тие биле жедни за сознание за живиот Бог, за некаква сигурност во живот после гробот. {КВ 32.3}

Кога Евреите се одвоиле од Бога, верата им се затемнила, а надежта речиси престанала да ја осветлува иднината. Зборовите на пророците не биле сфатени. За широките народни маси смртта била ужасна тајна по неа постоела неизвесност и мрак. До пророкот низ вековите допирале не само лелеците на витлеемските мајки, туку и крициte од големото срце на човештвото гласот што се слушнал во Рама: „Плач, ридање и силни лелеци; Рахила ги оплакува своите деца и не сака да се утеши, зашто ги нема”. Во „областа и сенката на смртта“ луѓето биле неутешни. Со копнежлив поглед го очекувале доаѓањето на Избавителот, кога темнината ќе биде растерана и тајната на иднината ќе биде разјаснета. {КВ 32.4}

Имало луѓе надвор од еврејската нација, кои претскажувале дека ќе се појави божествен Учител. Тие луѓе ја барале вистината и ним им бил даден пророчки Дух. Еден по еден, како ѕвезди на темното небо, се подигнувале такви луѓе. Нивните пророчки зборови буделе надеж во срцата на илјадници од незнабожечкиот свет. {КВ 33.1}

Веќе стотици години Библијата била преведена на грчки јазик, кој тогаш бил во широка употреба низ римската империја. Евреите биле насекаде расеани, а во нивното очекување на доаѓањето на Месијата, во извесна мера учествувале и незнабошците. Меѓу оние, кои Евреите ги сметале за незнабошци се наоѓале луѓе, кои многу подобро ги разбирале библиските пророштва за Месија од израелските учители. Имало и такви, кои се надевале на Неговото доаѓање како на ослободување од гревот. Филозофите се труделе да ја проучат тајната на еврејското верско уредување, меѓутоа верската нетрпеливост на Евреите го спречувала ширењето на светлината. Со намера да одржуваат одвоеност помеѓу себе и другите народи, тие не сакале да го поделат знаењето што сè уште го имале во поглед на симболичната служба. Мора да дојде вистинскиот Толкувач. Смислата на симболите мора да ја објасни Оној, Кого сите симболи го прикажувале. {КВ 33.2}

Бог му зборувал на светот преку природата, преку сликите и симболите, преку патријарсите и пророците. Човештвото морало да добие поука со човечки јазик. Гласникот на заветот мора лично да проговори. Неговиот глас мора да се чуе во

Неговиот сопствен храм. Христос мора да дојде да изговори зборови, кои секој јасно и сигурно ќе ги разбере. Тој, Творецот на вистината, мора да ја одвои вистината од плевата на човечки искажувања што ја уништувале силата на вистината. Начелата на Божјата власт и планот на спасението мора јасно да бидат дефинирани. На луѓето мора јасно да им се укажува на поуките од Стариот Завет. {КВ 34.1}

Меѓу Евреите сè уште имало непоколебливи души, потомци на онаа света лоза, преку кои било сочувано знаењето за Бога. Тие сè уште се надевале во ветувањето, кое било дадено на нивните татковци. Тие ја зацврстувале својата вера, размислувајќи за ветувањето дадено преку Мојсеј: „Господ Бог ќе ви подигне Пророк меѓу вашите браќа, како мене. Него слушајте го во сè што ќе ви каже". (Дела 3:22) Потоа тие читале како Господ ќе помаза Еден „да им објави добри гласови на кротките," „да ги превие ранетите во срцето, да им огласи на заробените слобода" и да ја објави „благопријатната Господова година". (Исаија 61:1,2) Тие читале како Тој „ќе постави суд на Земјата," како островите ќе „чекаат на Неговиот закон," како незнабошците ќе дојдат кај Неговата светлина, и цареви кон светлината на Неговото доаѓање. (Исаија 42:4; 60:3) {КВ 34.2}

Зборовите што ги изговорил Јаков при својата смрт ги исполниле со надеж: „Нема да се оддалечи жезолот од Јуда, ниту палката владеачка од кај неговите нозе, додека не дојде Шајло". (Создавање 49:10) Опаѓањето на силата на Израел сведочело дека доаѓањето на Месијата е близу. Даниеловото пророштво ја опишало славата на Неговото владеење, над империја што ќе ги наследи сите земни царства и пророкот кажува дека „тоа ќе стои довека". (Даниел 2:44) Малку имало такви, кои ја сфатиле природата на Христовата мисија, а многумина очекувале моќен Владетел, Кој ќе воспостави свое царство во Израел и Кој ќе дојде како Ослободител на народите. {КВ 34.3}

Времето се навршило. Човештвото, станувајќи сè повеќе расипано поради вековните престапи, копнеело по доаѓањето на Откупителот. Сатаната се трудел да го продлабочи понорот помеѓу Земјата и Небото и да го стори непремостлив. Со своите лаги ги поттикнувал луѓето уште повеќе да грешат. Неговата цел била да се исцрпи Божјото трпение и да се изгасне Неговата љубов кон човекот, за Бог да го препушти светот да биде под сатанска власт. {КВ 34.4}

Сатаната се трудел да им оневозможи на луѓето да го запознаат Бога, да го сврти нивното внимание од Божјиот храм и да воспостави свое царство. Изгледало дека неговата борба за превласт речиси потполно успеала. Вистина е дека во секое поколение Бог имал Свои посредници. Дури и меѓу незнабошците имало луѓе преку кои Христос делувал, за да го подигне народот од нивниот грев и деградација. Меѓутоа, тие луѓе биле презрени и замразени. Многумина од нив умреле со насилна смрт. Мрачната сенка што сатаната ја фрлил врз светот станувала сè потемна и потемна. {КВ 35.1}

Сатаната преку незнаоштвото со векови ги одвојувал луѓето од Бога, но својата голема победа ја извојувал со тоа што ја изопачил верата на Израел. Размислувајќи за сопствените сфаќања и обожавајќи ги, незнабошците го изгубиле знаењето за Бога и тонеле во сè подлабока изопаченост. Така било и со Израел. Начелото дека човекот може да се спаси со сопствените дела, се наоѓало во темелот на секоја незнабожечка религија, а сега станало и начело на еврејската вера. Сатаната го всадил тоа начело. Секаде каде што се усвојува, луѓето немаат заштита од гревот. {КВ 35.2}

Веста за спасението до луѓето се соопштува преку човечки орудија. Меѓутоа, Евреите се обидувале да направат монопол од вистината, која е вечен живот. Тие

натрупале жива мана и таа се расипала. Се труделе да ја задржат верата само за себе и таа се претворила во соблазна. Тие го лишиле Бога од Неговата слава и го измамиле светот со фалсификувано евангелие. Одбиле да му се предадат на Бога за спасение на светот и станале орудие на сатаната за негово уништување. {КВ 36.1}

Народот кого Бог го повикал да биде столб и тврдина на вистината, станал претставник на сатаната. Тие го правеле тоа што го барал сатаната, неправилно го прикажувале Божјиот карактер и го наведувале светот Бога да го смета за тиранин. И свештениците што служеле во храмот ја изгубиле од вид смислата на службата што ја вршеле. Престанале да го вперуваат погледот во она што го прикажувал симболот. Принесувајќи жртви, тие постапувале како актери на сцена. Обредите кои Бог ги одредил, се претвориле во средство со кое се заслепува умот и се закоравува срцето. Преку нив Бог не можел веќе ништо да направи за човекот. Целиот тој систем морал да биде отфрлен. {КВ 36.2}

Измамата на гревот го достигнала својот врв. Сите средства за изопачување на човечките души биле ставени во движење. Набљудувајќи го светот, Божјиот Син видел страдање и беда. Со сожалување гледал како луѓето станале жртви на сатанската свирепост. Со сочувство ги посматрал оние, кои биле измамувани, убивани и загубени. Тие избрале владетел, кој како робови ги оковал со вериги за својот караван. Збунети и измамени, тие се движеле во жалосна поворка кон вечна пропаст кон смрт во која нема надеж за живот, кон ноќ по која нема утро. Сатанските претставници се соединиле со луѓето. Телата на човечките суштества, создадени да бидат Божји живеалишта, станале живеалишта на демоните. Врз сетилата, нервите, нагоните и органите на луѓето делувале натприродни сили, за да ги поттикнат кон прифаќање на најниските страсти. На лицата на луѓето се забележувал изгледот на демоните. Човечките лица имале израз на лошите легиони, под чија власт се наоѓале. Таква била сликата што ја набљудувал Откупителот на светот. Каква сцена за Бескрајната чистота! {КВ 36.3}

Гревот станал наука, а порокот бил посветен како дел на религијата. Бунтот длабоко се вкоренил во срцето, а најжестокото непријателство на човекот било вперено против Небото. Пред целата вселена се покажало дека без Бога човештвото не може да се издигне. Оној, Кој го создал светот, мора да внесе нов елемент на живот и сила. {КВ 37.1}

Безгрешните светови со најголемо внимание очекувале да видат како Јехова стапува во акција и ги уништува жителите на Земјата. Кога Бог би го сторил тоа, сатаната би бил подготвен да го спроведе својот план да ги придобие небесните суштества. Тој тврдел дека начелата на Божјата власт оневозможуваат простување. Кога светот би бил уништен, сатаната би тврдел дека неговите обвинувања биле вистинити. Тој бил подготвен да ја фрли вината на Бога и да го прошири својот бунт на небесните светови. Меѓутоа, наместо да го уништи светот, Бог го испратил Својот Син да го спаси. Иако расипаноста и непослушноста се забележувале насекаде во светот, Сепак бил отворен патот на спасението. Во моментот на криза, кога изгледало дека сатаната ќе триумфира, дошол Божјиот Син со пораката на божествената милост. Во сите векови, во секој миг, Божјата љубов се излевала над грешниот род. Без оглед на расипаноста на луѓето, знаците на милост не престанувале. И кога времето се навршило, Божеството излеало над светот изобилство од исцелителна благодат, која никогаш нема да биде спречена ниту повлечена, додека не се изврши планот на спасението. {КВ 37.2}

Сатаната ликувал, бидејќи успеал да го унижи Божјиот лик во човештвото. Тогаш дошол Исус да го обнови во човекот ликот на Творецот. Само Христос можел повторно

да го вообличи карактерот изопачен од гревот. Тој дошол да ги растера демоните кои господареле со волјата. Дошол да не подигне од правта, повторно да го обликува уништениот карактер, според примерот на Својот божествен карактер и да го разубави со Својата слава. {КВ 37.3}

`

4. „ДЕНЕСКА ВИ СЕ РОДИ СПАСИТЕЛ"

Оваа поглавје е засновано на Лука 2:1-20.

Царот на славата длабоко се понизил земајќи човечка природа. Неговата земна животна средина била груба и одбивна. Неговата слава била прикриена за да не привлече внимание Неговиот величествен надворешен изглед. Тој избегнувал секаков надворешен сјај. Богатството, земните почести и човечката големина не можат да спасат ниту една душа од смртта. Исус одлучил дека никакви земни убавини не треба да ги привлекуваат луѓето кај Него. Само убавината на небесната вистина мора да ги привлече оние, кои ќе го следат Него. Пророштвото одамна го претскажало карактерот на Месијата и Тој сакал луѓето да го прифатат Него врз основа на сведоштвата на Божјата Реч. {КВ 43.1}

Ангелите се восхитувале на величествениот план на откупувањето. Чекале да видат како Божјиот народ ќе го прими Неговиот Син, облечен во облека на човештвото. Ангелите дошле во земјата на избраниот народ. Другите народи се занимавале со митови и со обожавање лажни богови. Ангелите дошле во земјата на која и била откриена Божјата слава и во која блескала светлината на пророштвото. Дошле невидливи во Ерусалим, кај избраните толкувачи на светите пророштва и кај слугите во Божјиот дом. Близината на Христовото доаѓање веќе му била објавена на свештеникот Захарија, додека служел пред олтарот. Предвесникот веќе бил роден, а Неговата мисија потврдена преку чудо и пророштво. Гласот за Неговото раѓање и за Неговата чудесна мисија веќе се раширил насекаде. Сепак, Ерусалим не се подготвувал да го пречека својот Откупител. {КВ 43.2}

Небесните весници вчудовидено ја гледале рамнодушноста на народот, кој бил повикан од Бога да ја објави на светот Светлината на светата вистина. Еврејскиот народ бил сочуван како сведок, дека Христос ќе се роди од Авраамовото семе и од Давидовата лоза, а Сепак тој народ не знаел дека Неговото доаѓање е близу. Во храмот утринската и вечерната жртва секојдневно укажувале на Божјото Јагне, но дури ни тука не се вршела подготовка за Негов дочек. Свештениците и учителите на народот не знаеле дека наскоро ќе се одигра најголемиот настан на сите векови. Тие ги повторувале своите бесмислени молитви и ги вршеле верските обреди за да бидат видени од луѓето, но во својата борба за богатство и земни почести, воопшто не биле подготвени за откровението на Месијата. Истата таа рамнодушност преовладувала во цел Израел. Радоста, која го обземала Небото, не ги исполнила себичните срца обземени со овој свет. Мал бил бројот на оние што копнееле да го здогледаат Невидливиот. Ним им биле упатени небесните гласници. {КВ 44.1}

Ангелите биле покрај Јосиф и Марија, додека тие од својот дом во Назарет, патувале во Давидовиот град. Наредбата на царскиот Рим за попис на сите жители во неговото пространо царство ги опфаќала и жителите во ритчињата на Галилеја. Како што во старо време бил повикан Кир на престолот на светското царство за да ги

ослободи Господовите робови, така Цезар Август бил орудие за исполнување на Божјата намера Исусовата мајка да дојде во Витлеем. Таа е од Давидовата лоза, а Давидовиот син мора да се роди во Давидовиот град. „Од Витлеем,“ кажува пророкот, „ќе излезе Оној, Кој ќе владее со Израел и чие потекло е од дамнешни времиња, од вечноста”. (Михеј 5:2) Меѓутоа, во градот на нивната царска лоза, Јосиф и Марија остануваат незабележани и без чест. Уморни и без дом, тие поминуваат низ тесна уличка, од градската капија до источниот крај на градот, попусто барајќи место да си починат преку ноќта. Во преполната гостилница за нив нема место. Конечно наоѓаат засолниште во една неугледна штала за добиток, и во неа е роден Откупителот на светот. {КВ 44.2}

Луѓето не знаеле ништо за тоа, но веста го исполнила Небото со радост. Со подлабока и понежна наклонетост светите суштества од царството на светлината се привлечени кон Земјата. Над витлеемските ритчиња се собрало безбројно мноштво ангели. Тие чекале знак за да му ја објават радосната вест на светот. Кога верно би ја исполнувале должноста што им била доверена, израелските поглавари би учествувале во радоста на објавувањето на веста за Исусовото раѓање, но сега тие биле одминати. {КВ 47.1}

Бог објавува: „Ќе излеам вода врз жедниот и потоци по сувата почва”. „На праведните им изгрева светлина во темнина”. (Исаија 44:3; Псалм 112:4) Блескавите зраци од Божјиот престол ги осветлуваат оние, кои бараат светлина и кои радосно ја примаат. {КВ 47.2}

На полињата на кои момчето Давид го пасел своето стадо, пастирите чувале ноќна стража. За време на тивките часови тие разговарале за ветениот Спасител и упатувале молитви да дојде Царот на Давидовиот престол. „Одеднаш им пристапи ангел Господов и ги осветли Господова слава, па се уплашија многу. Ангелот пак им рече: ‘Не бојте се, зашто еве, ви носам добра вест, која ќе биде за сите народи, зашто денес во градот Давидов ви се роди Спасителот, кој е Христос Господ’”. {КВ 47.3}

Кога ги слушнале тие зборови, умовите на пастирите биле исполнети со визии на слава. На Израел му дошол Спасителот! Неговото доаѓање за нив значело сила, издигнување, победа. Меѓутоа, ангелот морал да ги подготви да го препознаат Својот Спасител во сиромаштија и понижување. „И еве ви знак,“ рекол, „ќе најдете бебе повиено во пелени како лежи во јасли”. {КВ 47.4}

Небесниот гласник ги стивнал нивните стравувања. Тој им кажал каде да го најдат Исуса. Со нежен обзир кон нивната човечка слабост, тој им дал време да се привикнат на божествениот блесок. Тогаш радоста и славата повеќе не можеле да се прикријат. Целото поле било осветлено од светлината на сјајот на Божјата војска. Земјата се смирила, а Небото се наведнало да ја слуша песната: {КВ 47.5}

„Слава на Бога на височините,

и на Земјата мир и добра волја меѓу луѓето”. {КВ 48.1}

О, кога денес човечкото семејство би ја препознало таа песна! Пораката која тогаш била објавена, гласот кој тогаш се слушнал, ќе биде сè погласен до крајот на времето и ќе одекнува до сите земни краишта. Кога Сонцето на Праведноста ќе се појави, со исцелувањето во Неговите крилја, на таа песна ќе и се возврати одглас од гласови на големо мноштво, како глас на силни води, зборувајќи: „Алилуја! Се зацари Господ Бог Седржителот”. (Откровение 19:6) {КВ 48.2}

Кога ангелите исчезнале, исчезнала и светлината, а ноќта повторно паднала врз витлеемските ритчиња. Меѓутоа, во сеќавањата на пастирите останала најблескавата

глетка што некогаш ја здогледале човечките очи. „Кога си заминаа ангелите од нив на небото, пастирите си рекоа меѓу себе: Ајде да одиме во Витлеем и да го видиме тој настан со кој не запозна Господ. Отидоа бргу и ги најдоа Марија и Јосиф со Детето што лежеше во јасли". {КВ 48.3}

Враќајќи се назад, тие со голема радост им зборувале на другите за она што го виделе и чуле. „И сите што слушаа, му се восхитуваа на она што им го кажаа пастирите. А Марија ги помнеше сите овие зборови и размислуваше за нив во своето срце. Потоа пастирите се вратија славејќи го и фалејќи го Бога". {КВ 48.4}

Оддалеченоста помеѓу Небото и Земјата денес, не е поголема отколку што била, кога пастирите ја слушале ангелската песна. Небото и денес се грижи за човештвото исто онака, како кога едноставните луѓе со скромни занимања сретнувале ангели на пладне и разговарале со небесните гласници по лозјата и полињата. И нам во нашето секојдневие, Небото може да ни биде мошне близу. Ангелите од небесните дворови ги придружуваат чекорите на оние, кои доаѓаат и си одат на Божјата заповед. {КВ 48.5}

Витлеемската приказна е неисцрпна тема. Во неа се крие „длабочината на богатството, на мудроста и на разумот Божји". (Римјаните 11:33) Ние и се восхитуваме на жртвата на Спасителот, Кој го заменил небесниот престол со јасли и се согласил наместо со ангели, да биде опкружен со животните во шталата. Човечката гордост и самоувереност се укорени во Неговото присуство. Сепак, тоа бил само почеток на Неговото прекрасно унижување. За Божјиот Син би било скоро бескрајно понижување да ја земе на Себе човечката природа, дури и тогаш, кога Адам сè уште бил невин во Едем. Меѓутоа, Исус примил на Себе човечки облик во времето кога човечкиот род бил ослабнат од гревот, кој постоел веќе четири илјади години. Како секое Адамово дете, Тој ги примил последиците од влијанието на големиот закон на наследството. Какви биле тие последици тоа го покажува историјата на Неговите земни предци. Со такво наследство Тој дошол да учествува во нашите страдања и искушенија и да ни даде пример на безгрешен живот. {КВ 48.6}

Сатаната на небото го мразел Христа поради Неговата положба во Божјите дворови. Тој уште повеќе го замразил Христа, кога самиот го загубил својот трон на Небото. Го мразел Оној, Кој се обврзал да го спаси грешниот човечки род. Сепак, Бог дозволил Неговиот Син беспомошно дете подложно на човечките слабости да дојде во светот, на кој сатаната полагал право на власт. Бог дозволил да се изложи на опасностите што се својствени за секоја човечка душа, да се бори, како што секое човечко дете мора да се бори и да се изложи на опасноста од неуспех и вечна загуба. {КВ 49.1}

Секој татко во своето срце копнее по својот син. Тој го набљудува лицето на своето мало дете и трепери при помислата за животните опасности. Тој копнее да го заштити своето дете од сатанската сила, да го сочува од искушението и борбата. Бог го дал Својот возљубен Син да стапи во по огорчена борба и да се изложи на поужасен ризик за животната патека на нашите деца да биде сигурна. „Во тоа е љубовта". Чудете се небеса и восхитувај се Земјо! {КВ 49.2}

5. ПОСВЕТУВАЊЕ

Приближно четириесет дена по Христовото раѓање, Јосиф и Марија го однеле Исуса во Ерусалим за да го покажат пред Господа и да принесат жртва. Тоа било во склад со

еврејскиот закон, а Христос, како замена за човекот, морал да се покорува на законот во секоја подробност. Тој веќе бил подложен на обредот обрезание, како гаранција за Неговата послушност на законот. {КВ 50.1}

Според законот, мајката морала да принесе јагне на жртва паленица и млад гулаб или грлица како жртва за грев. Меѓутоа, доколку родителите биле сиромашни па не можеле да принесат јагне, законот предвидувал да можат да донесат две грлици или два млади гулаби, едниот за жртва паленица, а другиот за жртва за грев. {КВ 50.2}

Жртвите што му се принесувале на Господа, морале да бидат без недостаток. Тие жртви го прикажувале Христа и од нив се гледа дека Исус немал никакви телесни мани. Тој бил „Јагне без недостаток ниту дамка". (1. Петрово 1:19) Неговата телесна структура немала никаква мана; Неговото тело било силно и здраво. Во текот на целиот Свој живот, Тој живеел во согласност со природните закони. И телесно и духовно, Тој пружал пример за она што според Божјата намера требало да претставува целото човештво, преку послушност на Неговите закони. {КВ 50.3}

Посветувањето на првенците потекнува од најстарите времиња. Бог ветил дека ќе го даде Небесниот Првенец да го спаси грешникот. Благодарноста за тој дар секое семејство го изразувало со тоа што го посветувала својот првенец. Тој морал да биде посветен на свештеничката служба, како Христов претставник меѓу луѓето. {КВ 51.1}

При ослободувањето на Израел од Египет, повторно е дадена заповед за посветување на првенците. Додека израелевите деца биле во египетско ропство, Господ го упатил Мојсеј кај фараонот, египетскиот цар, да му каже: „Вака вели Господ: 'Израел е Мој син, Мој првенец'. Ти заповедам: 'Пушти го Мојот син да оди и да ми послужи. Ако не го пуштиш да оди, јас ќе го погубам твојот син, твојот првенец'". (Излез 4:22-23) {КВ 51.2}

Мојсеј ја пренел својата порака, но горделивиот цар одговорил: „Кој е тој Господ да го послушам и да го пуштам Израел? Јас не го знам тој Господ, ниту пак ќе го пуштам Израел". (Излез 5:2) Господ посредувал за Својот народ по пат на знаци и чуда, со кои го казнувал фараонот. На крај, ангелот на смртта добил налог да го убие секој првенец на Египќаните, од луѓето до добитокот. За да бидат поштедени, на Израелците им било наредено да ги намачкаат довратниците со крв од заклано јагне. Секоја куќа морала да биде обележана, со цел ангелот, вршејќи ја својата смртоносна задача, да ги заобиколи израелските домови. {КВ 51.3}

Откако била извршена казната над Египет, Господ му рекол на Мојсеј: „Посвети ми го секој првенец,... и од луѓето и од животните, ми припаѓа Мене;" „зашто оној ден, кога ги убив сите првенци во земјата египетска, Себеси си ги посветив сите првенци во Израел, и од луѓето и од добитокот. Тие се Мои. Јас сум Господ". (Излез 13:2; Броеви 3:13) Кога била воспоставена службата во шаторот за состанок, наместо првенците од цел Израел, Господ го избрал Левиевото племе да служи во светилиштето. Меѓутоа, сè уште се сметало дека првенецот му припаѓа на Господа и затоа морал да се откупи. {КВ 51.4}

Затоа законот за посветување на првенците бил мошне значаен. Тој бил спомен за Господовото чудесно избавување на израелевите деца и истовремено го претскажувал уште поголемото избавување, кое требало да го изврши единородниот Божји Син. Како што крвта со која бил попрскан довратникот го спасила првенецот на Израел, така Христовата крв има моќ да го спаси светот. {КВ 51.5}

Колку важно било Христовото посветување! Меѓутоа свештеникот не гледал низ завесата, не ја сфатил тајната, која се криела зад тоа. Посветувањето на децата бил

вообичаен призор. Од ден на ден свештеникот примал пари за откуп, кога децата се носеле пред Господа. Од ден на ден тој го извршувал овој обред, не обрнувајќи многу внимание на родителите и децата, освен кога забележувал некое навестување на богатство или висока положба на родителите. Јосиф и Марија биле сиромашни, па кога дошле со своето дете, свештениците виделе само маж и жена, кои биле облечени како Галилејци и чии облеки биле многу скромни. Во нивната појава немало ништо што би привлекло внимание, а нивните дарови биле такви, какви што принесувале посиромашните класи. {КВ 52.1}

Свештеникот го извршил својот обред. Го земал Детето во своите раце и го принел пред олтарот. Кога и го вратил на мајка му, го запишал името „Исус“ во книгата на првенците. Додека Новороденчето лежело на неговите раце, тој не ни помислувал дека тоа е небесното Величество, Царот на Славата. Свештеникот не знаел дека тоа Дете е Оној, за Кого пишувал Мојсеј: „Пророк ќе подигне Господ, вашиот Бог меѓу вашите браќа, како мене. Него послушајте го во сè што ќе ви каже”. (Дела 3:22) Не мислел дека тоа дете е Оној, чија слава Мојсеј сакал да ја види. Но, во прегратката на свештеникот лежел Оној, Кој бил поголем од Мојсеј и кога името на тоа Дете било внесено во книгата, било запишано името на Оној, Кој бил темел на целокупното еврејско верско уредување. Тоа име значело гаранција за крај на тоа уредување, бидејќи системот на жртви и дарови застарел; религиозните симболи скоро дошле до своето исполнување, сенката скоро допирала до својата реалност. {КВ 52.2}

Божјата слава, која почивала на престолот на милоста, веќе не била во светилиштето, но во Детето од Витлеем била прикриена славата на која ангелите и се поклонувале. Тоа несвесно Дете било ветеното семе на кое укажувал првиот олтар кај вратата на Едемската градина. Тоа бил Шајло, Дарител на мирот. Тоа бил Оној, Кој на Мојсеј му објавил: „ЈАС СУМ”. Тоа бил Оној, Кој во столбот од облак и оган го водел Израел. Тоа бил Оној, за Кого пророците уште во старо време пророкувале. Тој бил копнежот на сите народи, коренот и фиданката на Давид и сјајната ѕвезда Деница. Името на тоа беспомошно мало бебе е запишано во книгата на Израел, со што бил прогласен за наш брат, било надеж за паднатото човештво. Детето за кое е платен откуп бил Оној што ќе го плати откупот за гревовите на целиот свет. Тој бил вистинскиот „Првосвештеник над Божјиот дом,“ Поглавар на „непроменливото свештенство,“ посредникот од „десната страна на Величеството на висините”. (Евреите 10:21; 7:24; 1:3) {КВ 52.3}

Духовните нешта треба духовно да се разгледаат. Во храмот, Божјиот Син се посветил на делото заради кое дошол. Свештеникот гледал кон Него исто како што би гледал кон кое било друго дете. Меѓутоа, иако свештеникот ниту видел ниту почувствувал нешто необично. Сепак било забележано дека Бог го дал Својот Син на светот. Тој настан не поминал без Христос да биде забележан. „Во Ерусалим живееше еден човек по име Симеон. Тој човек беше праведен и побожен, кој ја очекуваше Израелевата утеха и во него беше Светиот Дух. Нему Светиот Дух му беше открил дека нема да умре додека не го види Господовиот Христос”. {КВ 55.1}

Кога Симеон влегол во храмот, видел едно семејство како го принесува своето првородено дете пред свештеникот. Нивната појава кажувала дека се сиромашни, но Симеон го сфатил предупредувањето на Духот и бил длабоко убеден дека Детето, Кое е донесено пред Господа е всушност Израелевата утеха Оној, по Кого копнеел. За зачудениот свештеник, Симеон изгледал како занесен човек. Кога Детето и било вратено на мајката, тој го земал во своите раце и го донел пред Бога, додека душата му

била исполнета со радост, каква што дотогаш не почувствувал. Подигајќи го малиот Спасител кон небото, тој рекол: „Сега Господе, според Твојот збор, го отпушташ Својот слуга со мир, зашто очите мои го видоа спасението твое што си го приготвил пред лицето на сите народи, светлина да ги расветли незнабошците и слава на Твојот народ Израел”. {КВ 55.2}

Врз овој Божји човек почивал пророчки дух и додека Јосиф и Марија го набљудувале, чудејќи се на неговите зборови, тој ги благословил и ѝ рекол на Марија: „Ете, ова дете е поставено за паѓање и подигање на многумина во Израел и да биде знак против Кого ќе се зборува: ‘А и лично тебе нож ќе ти ја прободе душата за да се откријат мислите на многу срца’”. {КВ 55.3}

Дошла и пророчицата Ана и го потврдила Симеоновото сведоштво за Христа. Додека Симеон зборувал, нејзиното лице блеснало од Божјата слава и таа од своето срце излеала искрена благодарност што и било дозволено да го види Христос, Господ. {КВ 55.4}

Овие понизни поклоници не ги проучувале напразно пророштвата. Меѓутоа, оние, кои се наоѓале на положби на началници и свештеници во Израел, иако пред себе ја имале драгоцената порака на пророштвата, не оделе по Господовиот пат и нивните очи не биле отворени да ја видат Светлината на животот. {КВ 55.5}

И денес е така. Верските водачи и поклониците во Божјиот дом не ги забележуваат настаните врз кои е насочено вниманието на целото Небо и тие незабележано поминуваат. Луѓето го признаваат Христа во историјата, но се одвраќаат од живиот Христос, Кој се манифестира во Својата Реч, преку која повикува на самопожртвуваност, во сиромашните и страдалниците, кои бараат олеснување, во праведните работи, кои повлекуваат со себе сиромаштија, неволји и презир, не се прифаќа ниту денес, исто онака, како што не бил примен ни пред осумнаесет векови.* (Пишувано на крајот на деветнаесеттиот век) {КВ 56.1}

Марија размислувала за длабокото и далекусежно Симеоново пророштво. Додека го набљудувала Детето што го држела во своите прегратки, таа се сеќавала на зборовите што ги изговориле витлеемските пастири и била исполнета со благодарна радост и светла надеж. Зборовите на Симеон ја потсетиле на пророштвото на Исаија: „Ќе израсне фиданка од стеблото на Есеј, ќе никне Изданок од неговиот корен. На него ќе почива Господов Дух, дух на мудрост и разум, дух на совет и сила, дух на знаење и на страв Господов... Тој ќе го опаша крстот со праведност и слабините со верност”. „Народот, кој одеше во темнина виде силна светлина; на оние што живееја во мрачна земја им изгреа светлина... Зашто ни се роди дете, добивме син! На раменатa има власт, името му е: Красен, Советник, силен Бог, вечен Татко, Кнез на мирот”. (Исаија 11:1-5; 9:2-6) {КВ 56.2}

Сепак, Марија не ја сфатила Христовата мисија. Симеон пророкувал за Него како за светлина што ќе ги осветли незнабошците, како и за славата на Израел. На тој начин ангелите го објавиле раѓањето на Спасителот, радосната вест за сите народи. Бог настојувал да го исправи ограниченото еврејско сфаќање за делото на Месијата. Тој сакал луѓето да гледаат кон Него, не само како Ослободител на Израел, туку и како Спасител на светот. Меѓутоа, морале да поминат многу години за Исусовата мајка да ја сфати Неговата мисија. {КВ 56.3}

Марија очекувала Месијата да владее на Давидовиот престол, но не го сфатила крштевањето со страдање, со кое ќе го добие престолот. Преку Симеон е откриено дека Месијата нема без тешкотии да помине низ овој свет. Со зборовите упатени на Марија:

„А и тебе нож ќе ти ја прободе душата,“ Бог во Својата нежна милост и навестил на Исусовата мајка голема болка, која веќе почнала да ја чувствува поради Него. {КВ 56.4}

„Ете,“ рекол Симеон, „ова Дете е поставено за паѓање и подигање на многумина во Израел и да биде знак против Кого ќе се зборува”. Оние, кои сакаат да се подигнат, мораат да паднат. Мораме да паднеме на Карпата и да се разбиеме, пред да се подигнеме во Христа. Ако сакаме да ја запознаеме славата на духовното царство, нашето „јас“ мора да се симне од престолот, а гордоста да биде понизена. Евреите не сакале да ја прифатат честа што се добива преку понижувањето. Затоа не сакале да го примат Спасителот. Тој бил знак против Кого се зборувало. {КВ 56.5}

„За да се откријат мислите на многу срца”. Во Светлината на животот на Спасителот се открива сечие срце, почнувајќи од Творецот, па до кнезот на темнината. Сатаната го прикажувал Бога како себичен и тиранин, Кој полага право на сè, не давајќи ништо, Кој бара служба од Неговите созданија за Своја слава, не поднесувајќи никаква жртва за нивно добро. Меѓутоа, дарувањето на Христа го открива срцето на Таткото. Тоа сведочи дека Божјите мисли кон нас се „мисли на мир, а не на зло”. (Еремија 29:11) Тоа покажува дека Божјата омраза кон гревот е силна како смрт, но и дека Неговата љубов е посилна од смртта. Бидејќи го презел на Себе нашето откупување, Тој нема да поштеди ништо колку и да му е тоа мило што е потребно за исполнување на Неговото дело. Ниту една вистина, суштинска за наше спасение не е скратена, ниту едно чудо на милост не е запоставено, ниту едно божествено орудие не останало неупотребено. Цела небесна ризница е отворена за оние, кои Тој настојува да ги спаси. Собирајќи ги сите богатства на вселената и откривајќи ги сите извори на безгранична сила, Тој сите ги предава во Христови раце и вели: „Сево ова е за човекот. Употреби ги овие дарови за да го увериш дека не постои ниту на Небото ниту на Земјата поголема љубов од Мојата. Неговата најголема среќа се состои во љубовта кон Мене”. {КВ 57.1}

На голготскиот крст се соочиле љубовта и себичноста. Тоа бил врв на нивното манифестирање. Христос живеел само за да пружа утеха и благослов, а сатаната, нанесувајќи му смрт, ја манифестирал злобата на својата омраза кон Бога. Тој јасно покажал дека вистинската цел на неговиот бунт се состои во намерата да го симне Бога од престолот и да го уништи Оној, преку Кого се манифестирала Божјата љубов. {КВ 57.2}

Преку Христовиот живот и смртта се откриле и мислите на луѓето. Од јаслите па до крстот, Исусовиот живот претставува повик на самопредавање и учество во страдањето. Тој го симнал превезот од човечките цели. Исус дошол со небесната вистина и ги привлекол кон Себе сите оние, кои го слушале гласот на Светиот Дух. Оние, кои си служат сами на себе, му припаѓаат на царството на сатаната. Со ставот кон Христа, секој човек покажува на која страна се наоѓа. Така, секој сам си изрекува пресуда. {КВ 57.3}

На денот на конечниот суд, секоја загубена душа ќе сфати што направила, кога ја отфрлила вистината. Крстот ќе биде прикажан и неговото вистинско значење ќе го увиди секој ум кој бил заслепен од престапот. Пред сцената на Голгота и на нејзината таинствена Жртва, грешниците ќе бидат осудени. Секое лажно оправдување ќе биде отфрлено. Човечкото отпаднишство ќе се покаже во својот гнасен карактер. Луѓето ќе видат каков бил нивниот избор. Тогаш ќе бидат потполно јасни сите прашања на вистината и заблудата во долгата борба. Пред судот на вселената Бог нема да има никаква вина за постоењето на злото. Ќе се увиди дека божествените уредби не придонеле за гревот. Во Божјото владеење немало никакви недостатоци, немало никаква причина за незадоволство. Кога ќе бидат откриени мислите на секое срце,

тогаш и верните и бунтовниците ќе се соединат во објавата: „Праведни се и вистинити патиштата Твои, Царе на народите. Кој нема да се бои од тебе Господе и да го прослави Твоето име... зашто се покажаа Твоите праведни судови”. (Откровение 15:3, 4) {КВ 58.1}

6. „ЈА ВИДОВМЕ НЕГОВАТА ЅВЕЗДА"

Оваа поглавје е засновано на Матеј 2-ра глава.

„А кога се роди Исус во Витлеем Јудејски, во времето на царот Ирод, дојдоа мудреци од Исток во Ерусалим и прашаа: Каде е новороденият јудејски Цар? Ние ја видовме Неговата ѕвезда на исток и дојдовме да му се поклониме”. {КВ 59.1}

Мудреците од Исток биле филозофи. Тие му припаѓале на големиот и влијателен општествен слој што ги опфаќал луѓето со благородничко потекло и бил носител на богатството и учеността на нивниот народ. Меѓу нив се наоѓале многумина, кои се наметнале благодарение на лековерноста на народот. Други биле чесни луѓе, кои ги проучувале знаците на Провидението во природата и кои биле почитувани поради својата чесност и мудрост. Со таков карактер биле мудреците, кои дошле кај Исуса. {КВ 59.2}

Божјата светлина секогаш свети среде темнината на незнабоштвото. Додека ги проучувале ѕвездените пространства и упорно се обидувале да ја откријат тајната скриена во нивните блескави патишта, овие мудреци ја набљудувале славата на Творецот. Барајќи поголемо знаење, ги проучувале светите еврејски списи. Во нивната земја се чувале пророчки списи што го претскажувале доаѓањето на божественият Учител. Валам припаѓал на врачарите, иако едно време бил Божји пророк; преку Светиот Дух тој претскажал благосостојба во Израел и доаѓањето на Месијата, а неговите пророштва се пренесувале во преданија од столетие во столетие. Меѓутоа во Стариот завет доаѓањето на Спасителот било претскажано многу појасно. Мудреците со радост дознале дека Неговото доаѓање е близу и дека сиот свет ќе биде исполнет со сознанието за Господовата слава. {КВ 59.3}

Мудреците виделе таинствена светлина на небото, онаа ноќ, кога Божјата слава ги осветлила витлеемските ридови. Кога Светлината исчезнала, се појавила една блескава ѕвезда, која лебдела на небото. Тоа не била никаква статична ѕвезда ниту пак некаква планета, па затоа привлекла огромно внимание. Таа ѕвезда била група блескави ангели, но мудреците не го знаеле тоа. Сепак, тие биле убедени дека таа ѕвезда е многу значајна за нив. Тие се советувале со свештениците и филозофите и ги проучувале свитоците на древните записи. Валамовото пророштво гласело: „Од Јаков ќе излезе ѕвезда, од Израел се подигнува Жезал”. (Броеви 24:17) Дали таа ѕвезда била испратена како предвесник на Ветениот? Мудреците се израдувале на светлината на вистината испратена од Небото, а сега таа светлина ги осветлувала со поблескави зраци. На сон им биле дадени упатства да одат и да го побараат новороденият Кнез. {КВ 60.1}

Како што Авраам тргнал со вера, кога го слушнал Божјиот повик „не знаејќи каде оди“ (Евреите 11:8), како што Израелците со вера го следеле столбот од облак до Ветената Земја, така и тие незнабошци тргнале да го најдат ветениот Спасител. Источните земји се богати со драгоцености, па мудреците не тргнале на пат со празни раце. Било обичај на кнезовите и на други видни личности да им се даваат подароци во знак на поклонение, а најбогатите подароци, кои ги имала земјата, му биле донесени,

како дар на Оној, во Кого сите нации на Земјата ќе бидат благословени. Било неопходно да се патува ноќе, за да може да се следи ѕвездата; но патниците го скратувале времето на патување, повторувајќи ги старите преданија и пророштва за Оној, Кого го барале. При секоја починка тие ги истражувале пророштвата и сè подлабоко биле убедени дека на својот пат имаат сигурен божествен патоказ. Додека пред очи им била ѕвездата како надворешен знак, биле и внатрешно осведочени од Светиот Дух, Кој делувал на нивните срца и ги исполнувал со надеж. Иако долго, ова патување им било пријатно. {КВ 60.2}

Тие пристигнале во израелската земја и се спуштале низ Маслиновата Гора, гледајќи го пред себе Ерусалим, кога одеднаш ѕвездата што ги водела во текот на макотрпниот пат застанала над храмот и по извесно време исчезнала од видикот. Охрабрени од ова, тие побрзале, очекувајќи со сигурност дека веста за раѓањето на Месија радосно ќе ечи од сечии усни. Меѓутоа, напразно се распрашувале. Влегувајќи во светиот град, се упатиле кон храмот. На свое вчудовидување, не нашле никого, кој би знаел нешто за новороденият цар. Нивните прашања не предизвикале никакво изразување на радост, туку изненадување и страв помешан со презир. {КВ 60.3}

Свештениците го повторувале преданието. Тие ја извршувале својата вера и својата побожност, додека Грците и Римјаните ги прогласувале за незнабошци и грешници, полоши од сите останати. Мудреците не се идолопоклоници и во Божјите очи тие се повозвишени од оние кои тврдат дека Него го обожаваат. Но Сепак, Евреите ги сметале за незнабошци. Дури ниту меѓу именуваните чувари на светите списи, нивното ревносно распрашување не наишло на никакво разбирање. {КВ 61.1}

Набргу, низ цел Ерусалим се раширила веста дека дошле мудреците. Нивното необично патување предизвикало возбуда кај народот, која допрела до дворот на царот Ирод. Лукавиот Едомец бил вознемирен поради најавата за можен соперник. Неговиот пат кон престолот бил извалкан со многубројни убиства. Бидејќи потекнувал од туѓинска крв, бил омразен кај народот над кој владеел. Единствена негова заштита била благонаклоноста што му ја укажувал Рим. Но, овој нов кнез полагал поголемо право Тој бил роден да владее. {КВ 61.2}

Ирод се посомневал во свештениците дека коваат заговор со туѓинците за да предизвикаат бунт кај народот и да го симнат од престолот. Но тој ја прикривал својата недоверба, и покрај тоа што бил одлучен да ги осуети нивните сплетки со поголема лукавост. Тој ги повикал сите главни свештеници и книжевници, распрашувајќи се какво е учењето на нивните свети книги за местото на раѓањето на Месијата. {КВ 61.3}

Ова распрашување од страна на узурпаторот на престолот, поттикнато со барањето на странците, ја поттикнало гордоста на еврејските учители. Рамнодушноста која ја покажувале кон пророчките списи го разбеснила љубоморниот деспот. Тој мислел дека тие се обидувале да го скријат своето знаење во врска со таа работа. Со авторитет, кој тие не се осмелувале да го занемарат, тој им наредил добро да ги проучат списите и да му кажат во кое место треба да се роди нивниот очекуван Цар. „Тие му одговорија: Во Витлеем Јудејски; зашто така напишал пророкот: {КВ 62.1}

„Витлееме, земјо Јудина!
Во никој случај ти не си најмал меѓу градовите на Јуда,
зашто од тебе ќе излезе Владетел,
Кој ќе биде пастир на Мојот народ Израел”. {КВ 62.2}

Потоа Ирод ги повикал мудреците за да поразговара со нив. Во неговото срце беснеела бура од гнев и страв, но однадвор се трудел да изгледа смирен и љубезно ги примил странците. Ги прашал, кога се појавила ѕвездата и се преправал дека со радост ја прима веста за Христовото раѓање. Тој ги замолил своите гости: „Распрашајте се за детето, па кога ќе го најдете, јавете ми, за да одам и јас да му се поклонам“. Потоа им дозволил да одат по својот пат во Витлеем. {КВ 62.3}

Свештениците и старешините во Ерусалим не биле толку неинформирани за Христовото раѓање како што се преправале. Гласот за тоа дека ангели ги посетиле пастирите брзо се раширил во Ерусалим, но рабините сметале дека тоа не е достојно за нивното внимание. Тие сами можеле да го пронајдат Исуса и можеле да бидат подготвени да ги одведат мудреците до местото на Неговото раѓање. Напротив, мудреците дошле да му обрнат внимание на раѓањето на Месијата. „Каде е новороденият јудејски Цар?“ прашале. „Ние ја видовме неговата ѕвезда на Исток и дојдовме да му се поклониме”. {КВ 62.4}

Горделивоста и зависта ја затвориле вратата на светлината. Кога би покажале доверба кон веста што ја донеле мудреците и пастирите, свештениците и рабините би дошле во многу незавидна положба, бидејќи со тоа би се побило нивното тврдење дека тие се толкувачи на Божјата вистина. Тие учени учители не сакале да се понизат и да бидат поучени од оние кои тие ги нарекувале незнабошци. „Не е можно,“ велеле тие, „Бог да ги заобиколи нив и веста да им ја објави на неуките пастири и необрезаните незнабошци”. Тие одлучиле да покажат презир кон гласовите, кои го возбудиле царот Ирод и цел Ерусалим. Не сакале дури ни да одат во Витлеем за да се уверат колку се вистинити тие гласови. Исто така ги учеле и другите дека интересот за Исуса е фанатичко возбудување. Тука почнало отфрлањето на Христа од страна на свештениците и рабините. Од тој миг, нивната горделивост и упорност се претвориле во цврста омраза против Спасителот. Додека Бог ја отворал вратата на незнабошците, еврејските поглавари самите себеси си ја затвориле вратата. {КВ 62.5}

Мудреците сами си заминале од Ерусалим. Додека излегувале од градот, ноќните сенки веќе се спуштиле, но на своја најголема радост повторно ја здогледале ѕвездата која ги насочила кон Витлеем. Тие не добиле такво известување, какво што добиле пастирите за скромниот Исусов сталеж. По долгиот пат, тие биле разочарани од рамнодушноста на еврејските поглавари и го напуштиле Ерусалим со помалку доверба, отколку кога влегле во градот. Во Витлеем не нашле царска стража, која би го штителa новороденият Цар. Тука не се наоѓал никој од оние луѓе на кои светот им укажувал почести. Исус бил ставен во јасли. Неговите родители, необразовани селани биле неговите единствени чувари. Дали е можно тоа да е Оној, за Кого е напишано дека „ќе го подигне племето на Јакова,“ дека ќе го „поврати остатокот Израелев,“ дека ќе биде „светлина на народите“ и „спасение до крајот на Земјата?“ (Исаија 49:6) {КВ 63.1}

„Кога влегоа во куќата, го видоа детето со Неговата мајка Марија и паднаа, та му се поклонија”. И покрај сиромашната околина во која се наоѓал Исус, тие го препознале присуството на Божеството. Му ги дале своите срца како на свој Спасител, а потоа го дарувале со злато, темјан и смирна. Каква силна вера! Како што подоцна било кажано за римскиот капетан, така би можело да се каже за мудреците од Исток: „Ни во Израел не најдов толкава вера”. (Матеј 8:10) {КВ 63.2}

Мудреците не проникнале во Иродовите намери кон Исуса. Кога ја исполниле целта на своето патување, тие се приготвиле да се вратат во Ерусалим, со намера да го известат за својот успех. Меѓутоа, на сон добиле божествена вест, повеќе да не бидат

во контакт со Ирода. Заобиколувајќи го Ерусалим, тие тргнале во својата земја по друг пат. {КВ 64.1}

На сличен начин и Јосиф примил опомена да побегне со Марија и Детето во Египет. Ангелот рекол: „Биди таму додека не ти кажам пак, зашто Ирод ќе го бара Детето да го убие". Јосиф веднаш послушал и за да биде побезбеден, тргнал на пат ноќе. {КВ 64.2}

Преку мудреците Бог на еврејскиот народ му обрнал внимание на раѓањето на Својот Син. Нивното распрашување во Ерусалим, разбудениот интерес на народот, па дури и Иродовата злоба, која ги принудила свештениците и рабините да обрнат внимание сето тоа ги насочувало мислите кон пророштвата, кои се однесувале на Месијата и кон големиот настан што се случил. {КВ 64.3}

Сатаната бил одлучен да ја засолни божествената светлина на светот и го употребил сето свое лукавство за да го уништи Спасителот. Меѓутоа, Оној, Кој никогаш не дреме и не спие, будно стражарел над Својот сакан Син. Оној, Кој на Израелците им испраќал мана од небото и го хранел Илија во времето на глад, сега се погрижил за прибежиште на Марија и на малиот Исус во една незнабожечка земја. А преку даровите што ги принеле мудреците од незнабожечката земја, биле обезбедени средства за патување во Египет и за престој во туѓата земја. {КВ 65.1}

Мудреците биле меѓу првите што го поздравиле Откупителот. Нивните подароци биле први, кои биле положени пред Неговите нозе. Каква привилегија на служење стекнале тие со своите дарови! Бог радосно го почитува дарот што Доаѓа од срцето кое љуби, правејќи го најуспешно во службата за Него. Ако сме го дале нашето срце на Исуса, тогаш ќе му ги донесеме и нашите дарови. Нашето злато и сребро, нашиот најдрагоцен земен имот, нашите највозвишени умствени и духовни дарови сето тоа радосно ќе му го посветиме на Оној, Кој не љуби и Кој се дал Себеси заради нас. {КВ 65.2}

Ирод во Ерусалим нетрпеливо го очекувал враќањето на мудреците. Како што минувало времето, а тие не се враќале, пламнале неговите сомнежи. Неподготвеноста на рабините да го откријат местото на раѓањето на Месијата, како да му укажувало на тоа дека тие проникнале во неговиот план и дека мудреците намерно го избегнале. Таа мисла го доведувала до лудило. Лукавството не успеало, па не му преостанувало ништо друго освен да употреби сила. Тој ќе им даде поука со ова дете цар. Тие горди Евреи треба да видат што можат да очекуваат во своите обиди да подигнат некој владетел на престолот. {КВ 65.3}

Веднаш биле испратени војници во Витлеем со наредба да ги убијат сите деца од две години и помлади. Спокојните домови во Давидовиот град ги доживеале оние сцени на ужас, кој шестотини години однапред му биле претскажани на пророкот: „Во Рама се слушна глас плачење и силен писок; Рахила плаче за своите деца и не сака да се утеши, зашто ги нема". {КВ 65.4}

Евреите сами ја навлекле оваа несреќа врз себе. Кога во верност и понизност би оделе пред Бога, Тој би направил очевидно царевиот гнев да биде безопасен за нив. Меѓутоа, поради своите гревови тие се одвоиле од Бога и го отфрлиле Светиот Дух, Кој бил нивен единствен штит. Тие не го проучувале Светото Писмо со желба да се покорат на Божјата волја. Тие трагале по оние пророштва со чија помош можеле да се издигнат себеси и да докажат дека Бог ги презира сите останати народи. Тие горделиво се фалеле со тоа дека Месијата ќе дојде како Цар, ќе ги победи сите нивни непријатели и дека ќе ги фрли незнабошците под нозе. На тој начин ја предизвикале омразата на своите владетели. Преку нивното погрешно толкување на Христовата мисија, сатаната имал

намера да ја подготви пропаста на Спасителот, но наместо тоа, сè се урнало врз нивните глави. {КВ 65.5}

Овој чин на свирепост бил еден од последните кои го помрачиле Иродовото владеење. Набргу по убивањето на невините деца и Ирод морал да се покори на судбината, која никој не можел да ја отстрани. Умрел со страшна смрт. {КВ 66.1}

Божјиот ангел му наредил на Јосиф, кој сè уште се наоѓал во Египет, да се врати во израелската земја. Сметајќи го Исуса за наследник на Давидовиот престол, Јосиф сакал да се смести во Витлеем. Меѓутоа, бидејќи дознал дека во Јудеја владеел Архелај на местото на својот татко Ирод, Јосиф се исплашил дека синот ќе ги спроведе во дело татковите намери против Христа. Од сите Иродови синови, Архелај според карактерот најмногу бил сличен на својот татко. Неговото доаѓање на престолот било обележано со нереди во Ерусалим и со убиство на илјадници Евреи од страна на римските гардисти. {КВ 66.2}

На Јосиф повторно му било кажано да оди на едно сигурно место. Тој се вратил во Назарет, каде што живеел порано и тука Исус престојувал речиси триесет години, „за да се исполни она што го кажале пророците дека ќе се нарече Назареќанец". Во Галилеја владеел еден Иродов син, но во неа имало многу повеќе странски жители отколку во Јудеја. Затоа тука се обрнувало многу помало внимание на прашањата, кои се однесувале на Евреите и помала била веројатноста дека Исусовите тврдења ќе предизвикаат завист кај оние, кои се наоѓале на власт. {КВ 66.3}

Така бил дочекан Спасителот, кога дошол на Земјата. Изгледало дека не постои спокојно место за одмор и безбедност за малечкиот Откупител. Бог не можел да го довери Својот возљубен Син на луѓето, дури ни во спроведување на Своето дело за нивно спасение. Тој им заповедал на ангелите да се грижат за Исуса и да Го штитат, додека не ја заврши Својата мисија на Земјата и додека не умре од рацете на оние, кои дошол да ги спаси. {КВ 67.1}

7. ИСУС КАКО ДЕТЕ

Оваа поглавје е засновано на Лука 2:39,40.

Детството и младоста Исус ги поминал во едно мало планинско село. На Земјата не постои ниту едно место што не би било почестено со Неговото присуство. Царските дворци би биле почестени да го примат како гостин. Но, Тој ги заобиколил домовите на богатите, царските дворови и славните центри на науката, за да се настани во непознатиот и презрен Назарет. {КВ 68.1}

Од исклучително значење е краткиот запис за Неговото рано детство: „А Детето растеше и се засилуваше во духот, исполнувајќи се со мудрост; и Божјата милост почиваше врз Него". Озарен со наклонетоста на Својот Татко, Исус „напредуваше во мудроста, во растот и во милоста пред Бога и пред луѓето". (Лука 2:52) Неговиот ум бил активен и проникliв, поседувајќи промисленост и мудрост над очекуваната, која би била својствена за Неговите години. Сепак, Неговиот карактер бил прекрасен по својата симетрија. Силата на умот и телото постепено се развивале во согласност со законите на детството. {КВ 68.2}

Како дете, Исус манифестирал посебна убавина во Неговата личност. Неговите вредни раце секогаш биле подготвени да им служат на другите. Тој покажувал

трпеливост, која ништо не можело да ја наруши и чесност, која никогаш не би го жртвувала интегритетот. Во начелата цврст како карпа, Неговиот живот откривал несебична учтивост. {КВ 68.3}

Со длабока срдечност, Исусовата мајка набљудувала како се развиваат Неговите сили и забележала печат на совршенство во Неговиот карактер. Со радост настојувала да го поттикне развојот на Неговиот блескав, приемчив ум. Преку Светиот Дух добила мудрост да соработува со небесните претставници во развојот на тоа Дете, чиј Татко можел да биде само Бог. {КВ 69.1}

Уште од најрани времиња верните Израелци посветувале големо внимание на воспитување на младите. Господ дал упатства, според кои децата уште од најрано детство мора да се поучуваат на Неговата добрина и големина, посебно онака, како што се откриле во Неговиот закон и се прикажале во историјата на израелскиот народ. Песните, молитвите и поуките од Светото Писмо морале да бидат прилагодени кон умот што се развива. Татковците и мајките требало да ги поучат своите деца дека Божјиот закон е израз на Неговиот карактер и дека Божјиот лик се врежува во умот и душата, кога со срце ќе се примат начелата на законот. Во најголем дел поучувањето било усно, но децата учеле и да ги читаат еврејските списи, а можеле да ги проучуваат и пергаментските свитоци на Стариот Завет. {КВ 69.2}

Во Христово време се сметало дека гратчето или градот, во кој нема верска настава за младите се наоѓа под Божјо проклетство. Меѓутоа, учењето станало формалност. Традициите го заменувале Светото Писмо. Правилното воспитување би ги поттикнало младите да „го бараат Бога, со цел некако да го напипаат и да го најдат". (Дела 17:27) Меѓутоа, еврејските учители обрнувале внимание само на обредите. Тие го полнеле разумот со идеи, кои биле без вредност за учениците и кои не биле признати во повозвишеното училиште на Небесните дворови. Во воспитниот систем немало место за искуство, кое се стекнува преку лично прифаќање на Божјата Реч. Окупирани со церемонијални обреди, учениците не можеле да најдат време за тивки моменти, кои би му ги посветиле на Бога. Тие не го слушнале Неговиот глас, како му зборува на срцето. Барајќи знаење, тие се оддалечувале од Изворот на мудроста. Било запоставено она што е најсуштествено во Божјата служба. Начелата на законот биле замаглени. Она што се сметало за високо образование, било најголема пречка на вистинскиот напредок. Начинот на кој рабините ги поучувале своите ученици, ги потиснувале способностите на младите. Нивните умови станале ограничени и тесногради. {КВ 69.3}

Детето Исус не примило поучување во школите на синагогите. Неговата мајка била негов прв земен учител. Од нејзините усни и од записите на пророците, Тој ги запознал небесните вистини. Оние исти зборови, кои Тој му ги давал на Израел преку Мојсеј, сега ги запознавал и самиот Тој, седејќи во скутот на Својата мајка. Како што растел од детството до младоста, Тој не ги посетувал рабинските школи. Не му било потребно образование стекнато на такви извори, бидејќи Бог бил Негов учител. {КВ 70.1}

Прашањето што било поставено за време на службата на Спасителот: „Како Овој ги познава Писмата, кога не ги учел?"; не укажува на тоа дека Исус не знаел да чита, туку дека не бил поучуван од рабините. (Јован 7:15) Исус стекнал знаење, онака како што можеме да стекнеме и ние; Неговото темелно познавање на Светото Писмо покажува како во своите рани години вредно ја проучувал Божјата Реч. Пред Него се протегала големата библиотека на делата, кои Бог ги создал. Оној, Кој создал сè што постои, ги проучувал и поуките, кои Неговата сопствена рака ги напишала на земјата, морето и на

небото. Одвоен од грешните патишта на овој свет, Тој црпел од природата огромно научно знаење. Го проучувал животот на растенијата и животните и животот на човекот. Од Своите најрани години, Тој се посветил само на една цел; живеел за да ги благословува другите. За остварување на таа цел наоѓал средства во природата. Нови мисли за божествените патишта се буделе во Неговиот ум, додека го проучувал растителниот и животинскиот свет. Постојано се обидувал од нештата што ги гледал да извлече примери, со чија помош би ги претставувал живите вистини на Божјата Реч. Параболите со чија помош за време на Својата служба ги поучувал Своите поуки на вистината, покажуваат колку Неговиот разум бил приемчив за влијанието на природата и како од она што го опкружувало во секојдневниот живот црпел духовна наука. {КВ 70.2}

Така Исус проникнал во смислата на Божјите зборови и дела, додека се трудел да ја сфати смислата на создаденото. Небесните суштества биле покрај Него, а Тој негувал свети мисли и заедница со Бога. Од моментот кога станал свесен за околината, Тој постојано напредувал во духовната благодат и во познавањето на вистината. {КВ 70.3}

Секое дете може да стекне знаење, онака како што го стекнал Исус. Кога се обидуваме да се запознаеме со нашиот небесен Татко преку Неговата Реч, ангелите ни се приближуваат, нашиот разум зајакнува, додека карактерот се издигнува и облагородува. Тогаш стануваме слични на нашиот Спасител. И кога ја гледаме убавината и големината на природата, нашата љубов се насочува кон Бога. Разумот е исполнет со стравопочитување, додека душата се зајакнува доаѓајќи во допир со Бесконечниот, преку Неговите дела. Заедницата со Бога преку молитва ги развива духовните и моралните способности, а духовната сила зајакнува додека размислуваме за она што е духовно. {КВ 70.4}

Исусовиот живот бил живот на хармонија со Бога. Додека бил дете, мислел и зборувал како дете, но никаква трага од грев не го помрачувал Божјиот лик во Него. Сепак, не бил поштеден од искушенија. Жителите на Назарет биле споменувани во поговорка, заради својата безбожност. Со прашањето на Натанаил е искажано мислењето за нивниот лош глас: „Може ли од Назарет да излезе нешто добро?“ (Јован 1:46) Исус бил поставен таму, каде што Неговиот карактер ќе биде ставен на проба. Тој постојано морал да внимава за да ја сочува Својата чистота. Бил подложен на сите борби со кои ние мораме да се бориме, за да ни послужи како пример во детството, младоста и во зрелоста. {КВ 71.1}

Сатаната неуморно се трудел да го победи Детето од Назарет. Небесните ангели го чувале Исуса од Неговите најрани години, но целиот Негов живот бил една долга борба против силите на темнината. Тоа дека на Земјата постоел еден Живот, во Кого ја немало валканоста на злото, била навреда и збунетост за кнезот на темнината. Тој ги употребил сите можни средства за да го вовлече Исуса во својата стапица. Ниедно дете на човечкиот род некогаш ќе биде повикано да живее свет живот во услови на толку жестока борба со искушението, како што живеел нашиот Спасител. {КВ 71.2}

Исусовите родители биле сиромашни и биле зависни од својата секојдневна работа. Исус бил запознаен со сиромаштијата, со самооткажувањето и со скудноста. Ова искуство било Негова заштита. Во Неговиот живот исполнет со трудољубивост, немало часови на безделничење, во кои би бил изложен на искушенија. Немало бесцелни моменти, кои би му ја отвориле вратата за расипничко дружење. Колку што било возможно, Тој ја затворал вратата пред искушувачот. Ниту добивката, ниту

задоволството, ниту одобрувањето, ниту укорот не можеле да го наведат на лоша постапка. Бил мудар да го препознае злото и силен да му се спротивстави. {КВ 72.1}

Христос бил единствениот што на Земјата живеел без грев, а Сепак речиси триесет години поминал меѓу злите жители на Назарет. Тој факт го побива тврдењето на оние што сметаат дека беспрекорниот живот зависи од местото на живеење, од благосостојбата и успехот. Искушението, сиромаштијата, тешкотиите тоа е она што е потребно за да се стекне чистота и непоколебливост. {КВ 72.2}

Исус живеел во селска куќа и верно и радосно го носел Својот дел од товарот во домаќинството. Тој бил небесен Војсководец и ангелите радосно ја исполнувале Неговата Реч, а сега бил верен слуга, послушен син полн со љубов. Го научил занаетот и со Своите сопствени раце работел со Јосиф во дрводелската работилница. Во едноставна облека на обичен работник, Тој чекорел низ улиците на тоа место, одејќи и враќајќи се од Својата скромна работа. Не ја употребувал Својата божествена сила за да го ублажи Своето бреме, ниту за да ја олесни Својата работа. {КВ 72.3}

Бидејќи Исус работел во детството и младоста, Неговиот дух и тело се развивале. Своите телесни сили не ги употребувал негрижливо, туку го чувал здравјето, за да може на секое поле да го постигне најдоброто. Тој не посакувал несовршеност, дури ни во ракувањето со својот алат. Бил совршен како занаетчија, како што бил совршен и во карактерот. Со својот пример, Тој не поучил дека наша должност е да бидеме вредни, дека мораме совесно и темелно да ја извршуваме својата работа и дека таквата работа е достојна за почит. Вежбите со кои рацете се учат да бидат корисни и со кои младите суштества се навикнуваат да сносат свој дел од животниот товар, ја зголемуваат нивната физичка сила и ги развиваат сите способности. Сите мораме да научиме да работиме нешто што ќе биде благотворно за нас и што ќе биде од корист за другите. Бог одредил работата да биде благослов и само вредниот работник наоѓа вистинска среќа и радост во животот. Божјиот благослов со љубов почива врз децата и младите, кои радосно ги извршуваат своите должности во семејството, преземајќи на себе дел од товарот на мајката и таткото. Кога таквите деца ќе го напуштат својот дом, тие ќе бидат корисни членови на општеството. {КВ 72.4}

Во текот на целиот Свој живот на Земјата, Христос бил ревен и истраен работник. Тој многу очекувал и затоа многу се трудел. Кога ја започнал Својата служба, Тој рекол: „Јас треба да ги извршувам делата на Оној, Кој ме прати додека е ден. Настапува ноќ, кога никој не ќе може да работи". (Јован 9:4) Исус не ги избегнувал грижите и одговорностите, како што го прават тоа многумина кои тврдат дека се Негови следбеници. Многумина се слаби и некорисни, затоа што настојуваат да го избегнат таквото воспитување. Тие можат да имаат драгоцени и пожелни особини, но стануваат малодушни и речиси бескорисни, кога е потребно да се надминат тешкотиите и да се совладаат пречките. Со истата онаа истрајност што ја манифестирал Христос, и ние мораме во себе да развиваме одлучност и енергија, непоколебливост и сила на Христовиот карактер. Тогаш и ние ќе ја примиме милоста што ја примил Тој. {КВ 73.1}

Сè додека живеел меѓу луѓето, нашиот Спасител ја делел судбината на сиромашните. Тој од искуство ги познавал нивните грижи и нивните тешкотии и умеел да ги теши и охрабри сите понизни работници. Оние, кои правилно го сфаќаат учењето на Неговиот живот, никогаш нема да сметаат дека мора да биде направена разлика помеѓу класите, дека богатите треба повеќе да се почитуваат, отколку достојните сиромаси. {КВ 73.2}

Во Својата работа, Исус внесувал ведрина и такт. Потребно е многу трпение и духовна сила, за да се внесе библиската вера во домашниот живот и во работилницата, за да се издржи притисокот на земните работи и истовремено секогаш да се има во предвид единствено Божјата слава. Во тоа, Христос бил помошник. Тој никогаш не бил толку исполнет со земни грижи, за да нема време да размислува за небесните вистини. Често, радоста на Своето срце ја изразувал со пеење псалми или небесни песни. Честопати, жителите на Назарет го слушале Неговиот глас, како се воздига во слава и благодарност кон Бога. Со помош на песната Тој одржувал заедница со Небото. Кога Неговите другари би се жалеле дека се изморени од работата, прекрасната песна од Неговите усни ги разведрувала и ги храбрела. Изгледало дека Неговата песна ги изгонува лошите демони и како темјан го исполнува просторот со мирис. Мислите на оние што го слушале се оддалечувале од земното прогонство и се издигнувале до небесниот дом. {КВ 73.3}

За светот Исус бил извор на исцелувачка милост и низ сите тие години, додека живеел повлечено во Назарет, Неговиот живот се излевал во бранови на љубов и нежност. Старите луѓе, страдалниците и грешниците, децата во игра и во својата невина радост, малечките созданија во шумичките, трпеливите домашни животни сето тоа било посреќно во Негово присуство. Оној, чија моќна Реч ги одржувала световите, се наведнувал за да и помогне на ранетата птица. Не постоело ништо што не би го привлекло Неговото внимание, ништо што би го сметал недостојно за Својата помош. {КВ 74.1}

И така, додека се развивал во мудроста и ставата, исто така напредувал и во милоста пред Бога и пред луѓето. Манифестирајќи способност да сочувствува со сите, Тој будел љубов во сечие срце. Околу Себе создавал атмосфера на надеж и храброст и затоа бил благослов за секој дом. Често во сабота го повикувале да ги чита во синагогата поуките на Пророците, а срцата на слушателите би затреперале од радост, кога нова светлина блескала од познатите зборови на светиот текст. {КВ 74.2}

Сепак, Исус го избегнувал надворешното покажување. Во текот на сите години што ги поминал во Назарет Тој не ја употребувал Својата чудотворна моќ. Не барал високи положби или некои титули. Неговиот мирен и спокоен живот, па дури и молчењето на Светото Писмо во поглед на Неговото детство претставуваат значајна поука. Доколку животот на едно дете е поспокоен и поедноставен, со помалку вештачки возбудувања, а повеќе во хармонија со природата, дотолку е поповолен за развој на телесните, умствените и духовните способности. {КВ 74.3}

Исус е наш пример. Многу луѓе со интерес размислуваат за периодот на Неговата јавна служба, но не обрнуваат внимание на поуките од Неговото детство. Меѓутоа, Неговиот живот во семејството е совршен пример за сите деца и млади. Спасителот ја прифатил сиромаштијата за да ни покаже колку ние во скромни животни услови можеме да одиме блиску со Бога. Тој живеел за да Му угоди, даде почит и да Го прослави Својот Татко во секојдневниот живот. Тој го започнал Своето дело, така што се посветил на скромната работа на обичните занаетчии, кои работат за својот секојдневен леб. Работејќи во дрводелска работилница, Тој му служел на Бога исто онака, како кога правел чуда во корист на мноштвото народ. И секој млад човек што ќе го следи примерот на верност и послушност, Кој го покажал Тој во Својот скромен дом, може да полага право на зборовите, кои за Него ги изговорил Таткото преку Светиот Дух: „Еве го Мојот слуга што го поддржувам, Мојот избраник, кон Кого благоволи Мојата душа”. (Исаија 42:1) {КВ 74.4}

8. ПОСЕТАТА ЗА ВРЕМЕ НА ПРАЗНИКОТ ПАСХА

Оваа поглавје е засновано на Лука 2:41-51

Кај Евреите дванаесеттата година била година на премин од детството во младоста. Навршувајќи ја таа година, Еврејското Момче било прогласено за син на законот но исто така и Божји Син. Тогаш му биле давани посебни можности за верско воспитување и од Него се очекувало да учествува во светите празници и обреди. Во согласност со тој обичај, Исус, како момче го посетил Ерусалим за време на празникот Пасха. Како сите побожни Израелци, Јосиф и Марија секоја година оделе да присуствуваат на празникот Пасха, а кога Исус наполнил дванаесет години, тие го повеле со себе. {КВ 75.1}

Постоеле три годишни празници: Пасха, Педесетница и празникот Сеници кога сите Израелци биле должни да се појават пред Господа во Ерусалим. Од сите тие празници, на празникот Пасха присуствувале најмногу луѓе. Многумина Доаѓале од други земји во кои Евреите биле расеани. Од секој дел на Палестина Доаѓале многу верници. Патувањето од Галилеја траело неколку денови и патниците се собирале во големи групи заради дружење и безбедност. Жените и постарите луѓе јавале на волови или на магариња низ стрмните и каменливи патишта. Посилните мажи и момчињата патувале пеш. Празникот Пасха паѓал кон крајот на март или во почетокот на април и целата земја била обрасната во цвеќе и одѕвонувала од птичјите песни. По должината на патот се наоѓале знаменити места од историјата на Израел, па татковците и мајките им раскажувале на децата за чудата, кои во минатото ги правел Бог за Својот народ. Патувањето си го олеснувале со песна и музика, а кога конечно на повидок се покажувале ерусалимските кули, сите гласови се здружувале во победоносна песна: {КВ 75.2}

„Еве нозете наши веќе стојат
пред портите твои, О Ерусалиме...
Мир нека владее околу ѕидовите твои,
и просперитет во дворовите твои!"
(Псалм 122:2,7) {КВ 76.1}

Празнувањето на Пасха почнало со раѓањето на еврејската нација. Последната ноќ од нивното ропство во Египет, кога изгледало дека нема никаков знак дека ослободувањето е на повидок, Бог им наредил да се подготват за непосредно ослободување. Тој го предупредил фараонот за конечната казна, која ќе се излее на Египќаните и им наредил на сите Евреи да ги соберат семејствата во своите домови. Откако ги испрскале довратниците со крвта на закланото јагне, истото требало да го изедат, печено, со пресен леб и горчливи Билки. „А јадете го вака," рекол Тој, „опашани, со обувки на нозете и со стап во раката. Јадете го набрзина; тоа е Господова Пасха". (Излез 12:11) На полноќ биле погубени сите првенци на Египќаните. Тогаш царот му испратил порака на Израел: „Станете и одете си од мојот народ... Одете! Послужете му на Господа, како што велевте". (Излез 12:31) Евреите излегле од Египет како независна нација. Господ наредил Пасха да се празнува секоја година. „И ќе дојде време," рекол Тој, „кога ќе ве прашаат вашите деца: 'Што ви значи овој обред?' одговорете им: 'Ова е пасхална жртва во чест на Господа, Кој ги заобиколи куќите на Израелците, кога ги

убиваше Египќаните’”. Така од поколение во поколение требало да се повторува историјата за чудесното избавување. {КВ 76.2}

По празникот Пасха следел седумдневниот празник на бесквасни лебови. Вториот ден од празникот му се принесувале на Господа првите плодови од годишната жетва, еден сноп од јачмен. Сите обреди од овој празник биле симбол на Исусовото дело. Избавувањето на Израел од Египет било очигледна поука за откупувањето што празникот Пасха требало да го сочува во сеќавањето. Закланото јагне, бесквасниот леб и снопот на првите плодови го претставувале Спасителот. {КВ 77.1}

Во Христово време, за повеќето луѓе одржувањето на тој празник дегенерирало во формалност. Но, какво значење имал овој празник за Божјиот Син! {КВ 77.2}

Исус за првпат го набљудувал храмот. Видел како свештениците во бели облеки ја вршат својата свечена служба. Ја видел со крв облеаната жртва на олтарот. Тој се наведнал во молитва со останатите поклоници, додека мирисот на темјан се издигнувал кон Бога. Тој бил сведок на импресивните церемонии на пасхалната служба. Од ден на ден сè појасно ја сфаќал нивната смисла. Изгледало дека секој чин е поврзан со Неговиот живот. Во Него се буделе нови стремежи. Тивок и замислен, изгледало дека проучува некој голем проблем. Пред Спасителот се отворала тајната на Неговата мисија. {КВ 78.1}

Восхитен од набљудувањето на таа сцена, Христос не останал покрај Своите родители. Тој настојувал да биде насамо. Кога пасхалните служби биле завршени, Тој се задржал во предворјето на храмот, а кога поклониците заминале од Ерусалим, Тој останал сам. {КВ 78.2}

Со оваа посета во Ерусалим, Исусовите родители сакале да го доведат во врска со големите израелски учители. Додека во секоја подробност се покорувал на Божјата Реч, Тој не се придржувал кон рабинските церемонии и обичаи. Јосиф и Марија се надевале дека ќе го наведат да ги почитува рабините и дека вредно ќе се покорува на нивните барања. Меѓутоа, Исус во храмот бил поучен од Бога. Она што го примил, тоа веднаш почнал да го пренесува на другите. {КВ 78.3}

Во тоа време една просторија поврзана со храмот, била одредена за света школа, според примерот на пророчките школи. Тука се собирале водечките рабини со своите ученици и тука се нашол малечкиот Исус. Седејќи покрај нозете на тие сериозни, учени луѓе, Тој ги слушал нивните предавања. Како оној што бара мудрост, Тој ги прашал тие учители за пророштвата и за тогашните настани, кои укажувале на доаѓањето на Месијата. {КВ 78.4}

Исус се претставил како некој, кој е жеден за знаење за Бога. Неговите прашања укажувале на длабоки вистини, кои долго биле замаглени, но кои биле од животно значење за спасението на душите. Секое прашање покажувало колку е ограничена и површна мудроста на тие мудри луѓе и претставувало за нив божествена поука, а вистината ја ставало во нова светлина. Рабините зборувале за чудесното издигнување, кое ќе го донесе доаѓањето на Месијата на еврејскиот народ, но Исус укажал на пророштвото на Исаија и ги прашал за смислата на оние пророштва што укажуваат на страдањата и смртта на Божјото Јагне. {КВ 78.5}

Овие учени луѓе почнале да му поставуваат прашања и биле восхитени од Неговите одговори. Со понизност на дете, Тој ги повторувал зборовите од Светото Писмо, давајќи им длабока смисла, која овие мудри луѓе не ја сфатиле. Кога би била прифатена вистината на која Тој укажувал, би дошло до реформација во тогашната религија. Би се

разбудил длабок интерес за духовните вистини и многумина би биле подготвени да го прифатат Исуса. {КВ 78.6}

Рабините знаеле дека Исус не ги посетувал нивните школи, а Сепак Неговото познавање на пророштвата го надминувало нивното. Тие увиделе дека тоа момче од Галилеја многу ветува. Затоа посакале да го придобијат да стане нивен ученик, за да стане учител во Израел. Тие сакале да се грижат за Неговото воспитување, сметајќи според своето убедување дека мора да влијаат на еден толку исклучителен ум. {КВ 80.1}

Исусовите зборови ги поттикнале нивните срца, како што никогаш порано не биле поттикнати со зборови од човечки усни. Бог сакал да им даде светлина на овие израелски старешини и го употребил единственото средство со кое можел да влијае на нив. Во својата горделивост, тие никогаш не би признале дека можат да добијат поуки од кого било. Кога Исус би истапил како да се труди да ги поучи, тие би сметале дека им е под чест да слушаат. Меѓутоа, тие си ласкале себеси дека го поучувале Него или дека барем го проверувале Неговото познавање на Светото Писмо. Исусовата младешка скромност и милност ги распрскала нивните предрасуди. Несвесно, нивните умови се отвориле за Божјата Реч, а Светиот Дух им зборувал на нивните срца. {КВ 80.2}

Тие морале да увидат дека пророштвата не ги поткрепуваат нивните очекувања во поглед на Месијата, но не сакале да се откажат од теориите, кои ласкале на нивните амбиции. Тие не сакале да признаат дека погрешно го сфаќале Светото Писмо, за кое тврделе дека од Него поучувале други. Од еден до друг кружело прашањето: „Како ги познава Овој Писмата, кога не ги учел?“ Виделото светлело во темнината, но „темнината не го сфати тоа”. (Јован 1:5) {КВ 80.3}

Во меѓувреме Јосиф и Марија биле во голема збунетост и вознемиреност. Кога го напуштиле Ерусалим, го изгубиле Исуса од вид и не знаеле дека останал во Ерусалим. Во тоа време земјата била густо населена, а караваните од Галилеја биле многу големи. Кога го напуштале градот, владеел голем метеж. Задоволството што патуваат со пријателите и познаниците целосно го обзела нивното внимание, така што сè до ноќта не го забележале Неговото отсуство. Тогаш, кога застанале за да одморат, забележале дека им недостига помошта на нивното дете. Претпоставувајќи дека е со нивното друштво, тие не чувствувале никаква вознемиреност. Иако бил толку млад, тие имале голема доверба во Него, очекувајќи дека ќе им помогне секогаш кога ќе биде потребно, предвидувајќи ги нивните желби, како што тоа го правел секогаш. Меѓутоа, одеднаш тие почнале да стравуваат. Го барале насекаде низ нивното друштво, но попусто. Со ужас се сетиле како Ирод се трудел да го уништи уште во Неговото рано детство. Мрачни претчувства им го исполниле срцето. Горчливо си префрлувале на себеси. {КВ 80.4}

Се вратиле во Ерусалим и продолжиле да го бараат. Следниот ден, кога заедно со другите поклоници влегле во храмот, нивното внимание го привлекол еден познат глас. Не се излажале; ниеден друг глас не бил како Неговиот, толку сериозен и срдечен, а Сепак толку милозвучен. {КВ 81.1}

Го нашле Исуса во рабинската школа. Иако биле среќни, не можеле да ја забораваат својата тага и вознемиреност. Кога Исус бил повторно покрај нив, со зборови кои подразбираат укор, мајката рекла: „Сине! Зошто направи така? Еве, татко ти и јас со болка те баравме”. {КВ 81.2}

„Зошто сте ме барале?“ одговорил Исус. „Зар не знаевте дека јас треба да бидам во делото на Мојот Татко?“ Бидејќи изгледало дека не ги разбрале Неговите зборови, Тој покажал кон небото. На лицето му блескала светлина, која ги зачудила. Божеството

светнало преку човечката природа. Пронаоѓајќи го во храмот, тие го слушале разговорот помеѓу Него и рабините и биле одушевени од Неговите прашања и одговори. Неговите зборови поттикнале мисли, кои никогаш нема да се заборават. {КВ 81.3}

Прашањето што им го упатил Исус содржи поука: „Зар не знаевте," рекол Тој „дека Јас треба да бидам во делото на Мојот Татко?" Исус бил ангажиран со мисијата за која дошол да ја изврши на овој свет, но Јосиф и Марија го запоставиле своето дело. Бог им укажал голема чест, доверувајќи им го Својот Син. Светите ангели управувале со Јосиф на неговиот животен пат, за да го сочуваат Исусовиот живот. Меѓутоа, во текот на еден ден тие го изгубиле од вид Оној, Кого не смееле да го заборават ниту еден миг. А кога нивната загриженост била олеснета, не се обвиниле себеси, туку вината ја префрлиле на Него. {КВ 81.4}

Било природно што Исусовите родители го сметале Исуса за свое дете. Тој секојдневно бил со нив, Неговиот живот во многу нешта бил сличен на животот на останатите деца, па им било тешко да сфатат дека Тој е Божји Син. Тие се наоѓале во опасност да не го ценат благословот кој им бил даруван во присуството на Откупителот на светот. Болката што ја почувствувале кога се одвоиле од Него и благиот прекор што го содржеле Неговите зборови, биле со цел да им се укаже на светоста на она што им било доверено. {КВ 81.5}

Во одговорот упатен кон Својата мајка, Исус првпат покажал дека ја сфаќа Својата врска со Бога. Пред Неговото раѓање, ангелот и рекол на Марија: „Тој ќе биде голем и ќе се вика Син на Севишниот. И Господ Бог ќе му го даде престолот на Неговиот татко Давид и Тој ќе владее со домот на Јакова довека". (Лука 1:32,33) За тие зборови Марија размислувала во своето срце. Сепак, иако верувала дека нејзиното дете ќе биде Месија во Израел, таа не ја разбрала Неговата мисија. Ниту пак сега ги разбрала Неговите зборови, но сфатила дека Исус го негирал Своето сродство со Јосиф и дека Тој се изјаснил дека е Божји Син. {КВ 81.6}

Исус не ги презрел Своите односи со Неговите земни родители. Од Ерусалим, Тој се вратил со нив дома и им помагал во нивниот секојдневен живот исполнет со макотрпна работа. Во Своето срце ја криел тајната на Својата мисија, чекајќи покорно да дојде одреденото време да го започне Своето дело. Во текот на следните осумнаесет години, откако Тој сфатил дека бил Син Божји, ја потврдил Својата врска што го поврзувала со домот во Назарет, извршувајќи ја должноста на син, брат, пријател и граѓанин. {КВ 82.1}

Кога во храмот ја сфатил Својата мисија, Исус го избегнувал допирот со мноштвото. Сакал мирно да се врати во Ерусалим, со оние кои ја знаеле тајната на Неговиот живот. Преку пасхалната служба, Бог сакал да го одвои Својот народ од земните грижи и да го потсети на Своето чудесно дело - нивното избавување од Египет. Бог сакал во тоа дело тие да го видат ветувањето за спасението од гревот. Како што крвта на закланото јагне ги заштитила домовите на Израелците, така и Христовата крв требала да ги спаси нивните души, но преку Христа можеле да бидат спасени само доколку по пат на вера го примат Неговиот живот, како свој живот. Симболичната служба имала значење само доколку го насочувала вниманието на верникот кон Христа, како на негов личен Спасител. Бог сакал тие да се поттикнат на проучување со молитва и размислување за Христовата мисија. Меѓутоа, кога поклониците го напуштиле Ерусалим, возбудата поради патувањето и дружењето често го обземала нивното внимание, така што заборавиле на службата на која присуствувале. Спасителот не го привлекувало нивното друштво. {КВ 82.2}

Бидејќи Јосиф и Марија сами со Исуса се враќале од Ерусалим, Исус се надевал дека ќе може да ги насочи нивните мисли кон пророштвата за Спасителот како маченик. Исус и на Голгота се обидувал да ја олесни нејзината мајчинска болка. Сега размислувал за неа. Марија морала да присуствува на Неговата последна агонија и Исус сакал таа да ја сфати Неговата мисија за да зајакне и да ги издржи страдањата, кога нож ќе и ја прободе душата. Меѓутоа, како што Тој сега се одвоил од неа и како што таа три дена загрижено го барала, така повторно ќе биде загубен за неа три дена, кога ќе дојде времето да биде жртвуван за гревовите на светот. И кога ќе воскресне од гробот, нејзината тага повторно ќе се претвори во радост. Меѓутоа, колку полесно би ги поднесувала маките на Неговата смрт, кога би ги сфатила пророштвата на кои Тој настојувал да ги насочи нејзините мисли. {КВ 82.3}

Кога Јосиф и Марија постојано би го насочувале својот ум кон Бога во размислување и молитва, тие би знаеле каква света доверба им е укажана и не би го изгубиле Исуса од вид. Го изгубиле Спасителот поради немарност, која траела еден ден, а го барале три дена во загриженост за да го најдат. Така е и со нас; заради празни разговори, озборувања или занемарување на молитвата можеме во еден ден да го изгубиме присуството на Спасителот, а ќе ни бидат потребни многу денови болно трагање за да го пронајдеме и да го добиеме мирот што сме го изгубиле. {КВ 83.1}

Во нашето меѓусебно дружење, мораме да внимаваме да не го заборавиме Исуса и на тој начин да не ни забележиме дека Тој не е со нас. Кога ќе не обземат земните грижи, така што не помислуваме на Оној, во Кого е сосредоточена нашата надеж во вечен живот, тогаш се оддалечуваме од Исуса и од небесните ангели. Тие свети суштества не можат да се наоѓаат таму каде што присуството на Спасителот не е пожелно и каде што не се забележува Неговото отсуство. Тоа е причината за честата појава на малодушност меѓу оние, кои тврдат дека се Христови следбеници. {КВ 83.2}

Многумина присуствуваат на богослуженијата и Божјата Реч ги освежува и ги теши, но преку запоставување на размислувањето, будноста и молитвата, тие го губат благословот и се чувствуваат посиромашни, отколку пред да го примат. Честопати, мислат дека Бог постапил грубо со нив. Тие не увидуваат дека тоа е нивна вина. Оддалечувајќи се од Исуса, тие се оддалечиле од светлината на Неговото присуство. {КВ 83.3}

Добро би било, кога секој ден би поминувале еден час во размислување за Христовиот живот. Треба да размислуваме за секој миг од Тој живот, за во мислите да го оживееме секој настан, а посебно завршните настани. Додека размислуваме за Неговата голема жртва поднесена заради нас, нашата доверба во Него ќе биде попостојана, нашата љубов ќе зајакнува, а неговиот Дух сè подлабоко ќе не исполнува. Ако сакаме на крај да бидеме спасени, мораме да ја научиме поуката за покајанието и за понизноста во подножјето на крстот. {КВ 83.4}

Во меѓусебното дружење можеме да бидеме благослов еден на друг. Ако му припаѓаме на Христа, нашите најубави мисли ќе се однесуваат на Него. Кога сакаме да зборуваме за Него и кога едни на други си зборуваме за Неговата љубов, божественото влијание ќе ги омекне нашите срца. Сфаќајќи ја убавината на Неговиот карактер, ние ќе „се преобразуваме во истиот Тој лик, од слава во слава”. (2. Коринтјаните 3:18) {КВ 83.5}

9. ДЕНОВИ НА БОРБА

Уште од своите најрани години еврејското дете било опкружено со барањата на рабините. Биле пропишани крути правила за секоја постапка, до најситните детали во животот. Учителите во синагогите ги поучувале младите на безбројни прописи на кои, како правоверни Израелци морале да се придржуваат. Но Исуса не го интересирале тие работи. Тој уште од Своето детство постапувал независно од рабинските закони. Стариот Завет бил предмет на Неговото постојано проучување, а зборовите „така вели Господ“ постојано биле на Неговите усни. {КВ 84.1}

Кога почнал да ја сфаќа состојбата во која се наоѓал народот, Исус видел дека барањата на општеството и Божјите прописи биле во постојан судир. Луѓето се оддалечувале од Божјата Реч и ги издигнувале теориите што самите ги измислиле. Тие ги извршувале традиционалните обреди, кои немале никакво значење. Нивната служба била само низа обреди светите вистини, кои тие обреди требале да ги прикажат, биле скриени од верниците. Исус видел дека тие не можат да најдат мир во таа служба без вера. Тие не ја познавале слободата на духот што би ја стекнале, кога вистински би му служеле на Бога. Исус дошол да ја објасни смислата на обожавањето на Бога и не можел да го прифати мешањето на човечките барања со божествените прописи. Тој не ги напаѓал прописите или постапките на образованите учители, но кога бил укоруван поради Своите едноставни навики, Тој укажувал на Божјата Реч за да ги оправда Своите постапки. {КВ 84.2}

Љубезно и покорно, Исус смирено се трудел да им угоди на оние со кои Доаѓал во допир. Затоа што бил толку љубезен и ненаметлив, книжниците и старешините мислеле дека со своето учење лесно ќе влијаат на Него. Тие барале од Него да ги прими сфаќањата и традициите пренесени од дамнешните рабини но Тој барал тоа да го потврди Светото Писмо. Го слушал секој збор, кој Доаѓал од Божјите усни, но не можел да се покорува на она што го измислиле луѓето. {КВ 84.3}

Се чинело дека Исус го познава Светото Писмо од почеток до крај и Тој го презентирал во неговата вистинска смисла. Рабините биле засрамени што ги поучува едно Дете. Тие тврделе дека толкувањето на Светите Списи е нивна должност, а Негово е да го прифати нивното толкување. Тие негодувале што Тој им се спротивставувал на нивните зборови. {КВ 85.1}

Рабините знаеле дека во Светото Писмо не може да се најде оправдување за нивните традиции. Тие сфатиле дека Исус во духовното разбирање бил далеку пред нив. Сепак, биле гневни, затоа што Тој не ги слушал нивните наредби. Бидејќи не успеале да го убедат, тие ги побарале Јосиф и Марија и им кажале за Неговата несоработка. Затоа Исус бил изложен на прекор и осуда. {КВ 85.2}

Уште од најраните денови, Исус почнал сам да го обликува Својот карактер; дури ни почитта и љубовта кон Неговите родители не можеле да го одвојат од послушноста кон Божјата Реч. „Пишано е“ била Неговата причина за секоја постапка, која се разликувала од семејните обичаи. Меѓутоа, рабините со своето влијание му го загорчувале животот. Уште во Својата младост Тој морал да учи тешка поука на молчење и трпелива истрајност. {КВ 86.1}

Неговите браќа како што биле нарекувани - Јосифовите синови - застанале на страната на рабините. Тие тврделе дека традициите мора да се почитуваат, како тоа да се Божји барања. Тие дури повеќе ги ценеле човечките одредби од Божјата Реч и им било многу непријатно Неговото јасно проникнување во разликувањето на лажното и

вистинското. Тие го осудувале Неговото строго покорување на Божјиот Закон и го сметале за тврдоглавост. Биле изненадени од знаењето и мудроста што ги покажувал Тој во давањето одговори на рабините. Тие знаеле дека Тој не примил образование од мудрите луѓе, но Сепак увиделе дека Тој ним им бил учител. Сфаќале дека Неговото образование е повозвишено од нивното. Меѓутоа, не увиделе дека Тој има пристап кон дрвото на животот извор на знаењето што тие не го познавале. {КВ 86.2}

Христос не се издвојувал од другите и Тој особено ги навредил фариseите со тоа што во овој поглед отстапил од нивните строги правила. Тој наишол на домен на религија оградена со високи ѕидови на издвојување, како премногу света за секојдневниот живот. Тој ги срушил тие ѕидови на поделби. Доаѓајќи во допир со луѓето не прашувал: „Кои се твоите верувања? На која црква и припаѓаш?“ Тој ја користел Својата спасоносна сила за доброто на сите на кои им била потребна помош. Наместо да се повлече во некоја осамена ќелија за да го покаже Својот небесен карактер, работел сесрдно за човештвото. Го проповедал начелото дека библиската вера не се состои во измачување на телото. Учел дека чистата и неизвалкана вера не важи само за одредени моменти и посебни прилики. Секогаш и на секое место покажувал интерес за луѓето и зрачел со светлина на ведра побожност. Сето тоа претставувало прекор за фариseите. Сето тоа покажувало дека верата не се состои во себичност и дека нивната морбидна посветеност на личниот интерес е далеку од вистинската побожност. Ова довело до нивно непријателство кон Исуса, така што сакале да го принудат на прилагодување кон нивните прописи. {КВ 86.3}

Исус се трудел да ги олесни неволјите на секој што страдал. Имал малку пари за давање, но често се откажувал од храната, за да им помогне на оние, кои биле во поголема неволја од Него. Неговите браќа виделе дека Неговото влијание многу се спротивставувало на нивното. Тој поседувал тактичност, која ниту еден од нив ја немал, ниту пак ја посакувал. Кога биле груби кон сиромашните, деградирани луѓе, Исус ги барал токму таквите и им упатувал зборови на охрабрување. На оние, кои имале потреба, Тој би им подал чаша свежа вода и мирно го ставал во нивните раце Својот оброк. Кога ги ублажувал нивните страдања, вистините што ги проповедал биле поврзани со Неговите дела на милосрдие и така биле врежувани во сеќавањето. {КВ 87.1}

Сето тоа не им се допаѓало на Неговите браќа. Бидејќи биле постари од Него, тие сметале дека Тој треба да се покори на нивните наредби. Постојано го обвинувале дека се издига над нив и го покорувале дека се воздига над нивните учители, свештениците и народните управители. Често му се заканувале и се обидувале да го заплашат, но Тој не обрнувал внимание на тоа, туку делувал единствено според Писмото. {КВ 87.2}

Исус ги љубел своите браќа и постапувал кон нив со непоколеблива љубезност. Меѓутоа, тие биле љубоморни на Него и покажале најрешителна недоверба и презир. Тие не можеле да го сфатат Неговото однесување. Во Исуса им се откривале големи противречности. Тој бил Божји Син, а Сепак, едно беспомошно дете. Бил Творец на световите, Земјата е Негова сопственост, а Сепак сиромаштијата го обележувала секој Негов чекор во животот. Неговото достоинство и Неговата личност немале ништо заедничко со земната горделивост и вообразеност. Тој не се стремел кон световна големина и бил задоволен дури и со најниска положба. Тоа ги лутело Неговите браќа. Тие не можеле да си ја објаснат Неговата постојана ведрина и покрај тешкотиите и сиромаштијата. Тие не знаеле дека заради нас станал сиромашен и дека „со Неговата сиромаштија ние се збогативме”. (2. Коринтјаните 8:9) Тие не можеле да ја разберат

тајната на Неговата мисија, исто како што и пријателите на праведниот Јов не можеле да го разберат неговото понижување и страдање. {КВ 87.3}

Браќата не го разбрале Исуса, бидејќи Тој не бил сличен на нив. Неговите мерила не биле и нивни мерила. Надевајќи се во луѓето тие се оддалечиле од Бога и Божјата сила не се манифестирала во нивниот живот. Надворешните знаци на верата за кои тие се придржувале не можеле да го преобразат карактерот. Тие давале „десеток од нане, копар и ким," но ги запоставиле „поважните работи во Законот: правдата, милоста и верата". (Матеј 23:23) Исусовиот пример постојано ги иритирал. Тој, во овој свет мразел само едно - тоа бил гревот. Не можел да биде сведок на некое лошо дело, а да не доживее болка, која не можела да се сокрие. Постоела јасна разлика помеѓу формалистите, чијашто надворешна светост ја прикривала љубовта кон гревот и карактерот во кој ревноста за Божјата слава секогаш била на прво место. Исусовиот живот го осудувал злото и затоа наидувал на спротивставување и во семејството и надвор од него. За неговата несебичност и чесност се зборувало со потсмев. Неговата трпеливост и неговата добрина биле нарекувани кукавичлук. {КВ 88.1}

Од сите страдања што човештвото мора да ги поднесува, немало ниту еден дел во кој Исус немал удел. Имало и такви што се труделе да го изложат на потсмев заради Неговото раѓање; уште во детството бил изложен на нивните презриви погледи и зли дошепнувања. Кога би одговорил со нетрпелив збор или поглед, кога би попуштил на Своите браќа со само една погрешна постапка Тој не би бил совршен пример. На тој начин Тој не би можел да го спроведе во дело планот за нашето спасение. Кога само би признал дека за гревот може да постои оправдување, сатаната би триумфирал, а светот би бил загубен. Затоа сатаната се трудел Исусовиот живот да го направи колку што е можно потежок, за да го наведе на грев. {КВ 88.2}

Меѓутоа, на секое искушение Тој одговарал: „Пишано е". Тој ретко ги укорувал Своите браќа поради каква и да е лоша постапка, но им зборувал од Божјата Реч. Бидејќи одбивал да учествува со нив во некоја забранета постапка, често го обвинувале дека е страшливец, но Тој одговарал; „Пишано е: Стравот Божји е мудрост и одбегнувањето на злото е разум". (Јов 28:28) {КВ 88.3}

Имало и такви, кои сакале да бидат во Негово друштво, чувствувајќи се спокојни во Негово присуство, но многумина го избегнувале, бидејќи Неговиот беспрекорен живот претставувал укор за нив. Младите другари го повикувале да го прави тоа што го правеле и тие. Бил ведар и радосен; тие се радувале во Негово присуство и ги прифаќале Неговите предлози. Меѓутоа, тие биле нетрпеливи кон уверувањата на Неговата совест, па тврделе дека е тесноград и ограничен. Исус одговарал, „Пишано е: Како ќе го очисти младичот својот пат? Внимавајќи на Твоите зборови! Во срцето свое ја затворив Речта Твоја, за да не ти грешам". (Псалм 119:9,11) {КВ 89.1}

Често го прашувале: „Што сакаш да постигнеш со тоа што си толку необичен, толку различен од сите нас?"; „Пишано е," рекол Тој, „Блажени се оние чиј пат е непорочен, кои одат според Господовиот закон. Блажени се оние, кои ги пазат Неговите сведоштва и кои го бараат Него со цело срце. Кои не прават беззаконие, туку одат по Неговите патишта". (Псалм 119:1-3) {КВ 89.2}

Кога го прашале зошто не учествува во забавите на младината од Назарет, рекол, „Пишано е: Се радувам на патот на Твоите прописи, повеќе отколку на сето богатство. Ќе размислувам за Твоите повелби и заповеди и ќе внимавам на Твоите патишта. Ќе се насладувам во Твоите наредби, и нема да ги заборавам Твоите зборови". (Псалм 119:14-16) {КВ 89.3}

Исус не се борел за Своите права. Често имал непотребни тешкотии во работата, бидејќи бил пресретлив и не се жалел. Сепак не се откажал, ниту бил обесхрабрен. Тој живеел над тие тешкотии, како во светлината на Божјото лице. Не возвраќал, кога постапувале грубо со Него, туку трпеливо ги поднесувал навредите. {КВ 89.4}

Често го прашувале: „Зошто поднесуваш толку злобно однесување дури и од Твоите браќа?“ „Пишано е,“ одговарал Тој, „Сине мој, не го заборавај Мојот закон и срцето твое нека ги чува Моите заповеди, зашто ќе ти донесат многу денови, долг живот и мир. Нека не те остават милоста и вистината; стави си ги себеси околу вратот и напиши ги на плочата на своето срце. Така ќе стекнеш милост и добро разбирање и пред Бога и пред луѓето”. (Изреки 3:1-4) {КВ 89.5}

Од времето кога родителите го нашле Исуса во храмот, Неговото однесување за нив било тајна. Не влегувал во судир со никого, но Неговиот пример бил постојана лекција. Изгледало дека е одвоен од другите. Најсреќни моменти за Него биле оние, кога Тој бил сам со природата и со Бога. Секогаш кога имал можност, заминувал во природа за да размислува во зелените долини, да одржува заедница со Бога на планинските падини или среде шумските дрвја. Раното утро често го затекнувало на некое осамено место како размислува, како ги истражува Писмата или се моли. Од овие тивки мигови Тој се враќал во Својот дом за повторно да ги преземе Своите должности, за да пружа пример на трпелива работа. {КВ 89.6}

Во Христовиот живот се забележувале љубов и почит кон мајка си. Марија верувала дека светото Дете родено од неа е одамна ветениот Месија, но не се осмелувала да ја изрази својата вера. Во текот на целиот Негов живот на Земјата, таа учествувала во Неговите страдања. Со болка била сведок на искушенијата на кои бил изложен во Своето детство и во младоста. Одобрувајќи го она што го сметала како правилно во Неговиот начин на живот и самата била изложена на неволји. Сметала дека правилниот однос меѓу домашните и нежната мајчинска грижа за децата се од животно значење за формирање на детскиот карактер. Јосифовите синови и ќерки го знаеле тоа и користејќи ја нејзината загриженост, се обидувале да ги коригираат Исусовите постапки според своите мерила. {КВ 90.1}

Марија често му приговарала на Исуса и го повикувала да се покори на обичаите на рабините. Но Тој не дозволувал да биде разубеден и да ги измени Своите навики на размислување за Божјите дела и настојувањата да ги ублажи страдањата на луѓето, па дури и на немите животни. Кога свештениците и учителите побарале од Марија да им помогне да го контролираат Исуса, таа била многу вознемирена, но мирот се вратил во нејзиното срце, кога Тој и ги покажал местата во Светото Писмо, кои зборувале во прилог на Неговите постапки. {КВ 90.2}

Понекогаш таа се колебала помеѓу Исуса и Неговите браќа, кои не верувале дека Тој е пратен од Бога, но многу факти го потврдувале Неговиот божествен карактер. Таа видела како Тој несебично се жртвува за доброто на другите. Неговото присуство внесувало почиста атмосфера во домот и Неговиот живот делувал како квасец среде елементите на општеството. Добронамерен и непорочен, Тој се движел меѓу непромислените, крутите, неучтивите; меѓу неправедните цариници, лекомислените расипници, неправедните Самарјани, незнабожечките војници, грубите селани и најразновидно мноштво народ. Овде или онде би изговорил некој збор на сочувство, кога би здогледал уморни луѓе, луѓе кои се принудени да носат тешки товари. Тој го делел товарот со нив и им ги повторувал поуките што ги научил од природата - поуките за љубовта, за љубезноста и за Божјата добрина. {КВ 90.3}

Тој ги учел сите да се сметаат себеси за надарени со драгоцени таленти, кои можат да им обезбедат вечни богатства ако правилно се искористат. Суетата целосно ја искоренил од животот и со Свој пример покажувал дека секој момент од времето ќе донесе вечни резултати, дека секој миг мора да се смета како драгоцен и да се употреби за свети цели. Ниту едно човечко суштество не го сметал за безвредно, туку се трудел на секоја душа да го примени спасоносниот лек. Во какво друштво и да се наоѓал, Неговите поуки биле во согласност со времето и околностите. Се трудел да влее надеж на оние, кои биле најгруби и кои не ветувале, уверувајќи ги дека можат да станат беспрекорни и добронамерни и да постигнат карактер, кој очевидно ќе покаже дека се Божји деца. Често се среќавал со оние, кои паднале под сатанска власт и кои немале сила да се оттргнат од неговата стапица. На таквите луѓе обесхрабрени, болни, искушувани и паднати Исус им упатувал зборови на најнежно сочувство, зборови, кои им биле потребни и кои можеле да бидат сфатени. Сретнувал и такви, кои воделе непосредна борба со непријателот на душите. Таквите ги храбрел да истраат, уверувајќи ги дека ќе победат, бидејќи Божјите ангели се на нивна страна и ќе им дадат победа. Оние на кои им помогнал на тој начин, биле уверени дека Тој бил Некој на Кого можат со целосна доверба да се надеваат. Знаеле дека Тој нема да ги издаде тајните што му ги довериле и кои Тој со разбирање ги примил. {КВ 91.1}

Исус бил Исцелител на телото и на душата. Тој обрнувал внимание на секој облик на страдање на кое наидувал и на секој страдалник му пружал олеснување, бидејќи Неговите љубезни зборови делувале како мелем. Никој не би можел да каже дека тогаш направил чудо; меѓутоа силата и исцелувачката моќ на љубовта се излевала од Него на сите болни и унесреќени. Така, Тој ненаметливо се залагал за луѓето од самото Свое детство. Затоа многумина радосно го слушале, кога започнал со Својата јавна служба. {КВ 92.1}

Сепак, Исус сам минувал низ детството, младоста и зрелата возраст. Во Својата чистота и верност, Тој сам го газел виното во бочвата и никој од луѓето не бил со Него. Го носел страшниот товар на одговорност за спасување на душите. Знаел дека сите ќе бидат загубени, доколку решително не дојде до промена во начелата и целите на човечкиот род. Тоа било бреме на Неговата душа и никој не можел да го цени товарот што почивал врз Него. Исполнет со цврста решителност, Тој ја остварувал целта на Својот живот Тој Самиот да биде светлина на светот. {КВ 92.2}

10. ГЛАС ВО ПУСТИНАТА

Оваа поглавје е засновано на Лука 1:5-23, 57-80; 3:1-18; Матеј 3:1-12; Марко 1:1-8.

Меѓу верните во Израел, кои долго го очекувале доаѓањето на Месијата, се појавил Христовиот предвесник. Остариот свештеник Захарија и неговата сопруга Елисавета „двајцата беа праведни пред Бога,“ и во нивниот тивок и свет живот светлината на верата светела како ѕвезда во темнината на тие зли денови. На овој побожен брачен пар му било дадено ветување дека ќе добие син, кој „ќе оди пред Господа, за да ги приготви Неговите патишта”. {КВ 97.1}

Захарија живеел во „планинскиот крај на Јудеја“, но дошол во Ерусалим за да служи една седмица во храмот, што било должност на секој свештеник двапати годишно.

„Еднаш, кога тој служеше пред Бога по својот ред, според свештеничкиот обичај нему му падна ждрепка да влезе во храмот Господов и да покади”. {КВ 97.2}

Тој стоел пред златниот олтар на светото место во светилиштето. Пред Бога се издигнувал облак од темјан со молитвите на Израел. Одненадеж, станал свесен за божественото присуство. Господов ангел „стоел од десната страна на олтарот”. Положбата на ангелот означувала благонаклонетост, но Захарија не обрнал внимание на тоа. Со години се молел за доаѓање на Откупителот; сега Небото испратило свој гласник да објави дека тие молитви скоро ќе бидат услишени. Меѓутоа, Божјата милост му се чинела преголема за да може да поверува. Бил исполнет со страв и со самоосудување. {КВ 97.3}

Меѓутоа, му било дадено радосно ветување: „Не бој се Захарија, зашто е услишена твојата молитва. Жена ти Елисавета ќе ти роди син, а ти ќе му дадеш име Јован. Ќе бидеш радосен и весел и многумина ќе се зарадуваат на неговото раѓање. Тој ќе биде голем пред Господа. Нема да пие ниту вино, ниту опивни пијалаци и ќе се исполни со Светиот Дух... и многу Израелеви синови ќе ги врати кај Господ нивниот Бог. И тој ќе оди пред Него во духот и во силата на Илија за да ги врати срцата на татковците кон децата, а непокорните кон разумот на праведните, да му приготви на Господа народ подготвен. Тогаш Захарија му рече на ангелот: ‘По што ќе го разберам тоа? Јас сум стар, а жена ми е во поодминати години’”. {КВ 98.1}

Захарија добро знаел дека на Авраам во староста му е дадено дете, затоа што верувал во Оној, Кој му дал ветување. Меѓутоа, стариот свештеник за миг своите мисли ги свртел на слабоста на човечкиот род. Заборавил дека Бог е во состојба да го исполни она што ќе го вети. Каква спротивност меѓу ова неверување и чистата детска вера на Марија, девојката од Назарет, која на чудесната вест на ангелот одговорила: „Еве ја слугинката Господова, нека ми биде според твоите зборови”. (Лука 1:38) {КВ 98.2}

Раѓањето на синот на Захарија, како и раѓањето на Авраамовото дете и детето на Марија, требало да го поучи светот на големата духовна вистина, вистина која ние тешко ја сфаќаме и која често ја забораваме. Ние сами по себе сме неспособни да направиме нешто добро. Но, она што ние не можеме да го направиме, ќе го направи Божјата сила во секоја душа што ќе се покори и верува. Со вера е подарено ветеното дете. Со вера се раѓа духовен живот и ние се оспособуваме да вршиме праведни дела. {КВ 98.3}

На прашањето на Захарија, ангелот рекол: „Јас сум Гаврил, кој стојам пред Бога и пратен сум да зборувам со тебе и да ти ја донесам оваа радосна вест”. Петстотини години порано Гаврил го известил Даниел за пророчкиот период, кој ќе трае до Христовото доаѓање. Сознанието дека крајот на тој период е близу, го поттикнало Захарија да се моли за доаѓање на Месијата. Сега истиот тој гласник преку кого било дадено пророштвото, дошол да го објави неговото исполнување. {КВ 98.4}

Зборовите на ангелот: „Јас сум Гаврил, кој стојам пред Бога“ покажуваат дека тој се наоѓа на положба од голема чест во небесните дворови. Во времето кога му ја донел веста на Даниел, тој рекол: „Нема никој друг кој ќе ми помогне во тоа, освен вашиот кнез Михаел”. (Даниел 10:21) Спасителот зборува за Гаврил во Откровението велејќи: „И Тој го покажа тоа преку Својот ангел, Кој му го испрати на Својот слуга Јован”. (Откровение 1:1) Ангелот му рекол на Јован: „Јас сум слуга како и ти и твоите браќа пророците”. (Откровение 22:9) Величествена е мислата ангел, кој стои во чест до Божјиот Син е избран на грешниот човечки род да му ги открие Божјите намери. {КВ 99.1}

Захарија се посомневал во зборовите на ангелот. Тој нема да проговори сè додека тие не се исполнат. Ангелот рекол: „И ете, ќе онемеш... до оној ден додека не се исполни тоа, затоа што не им поверува на моите зборови, што ќе се исполнат во свое време". Должноста на свештеникот во оваа служба била да се моли за простување на јавните и за народните гревови и за доаѓање на Месијата; но, кога Захарија се обидел да го направи тоа не можел да изговори ниту еден збор. {КВ 99.2}

Кога излегол да го благослови народот „тој им објаснуваше со знаци, но остануваше нем". Тие долго чекале и почнале да се плашат дека тој паднал под осуда на Божјиот суд. Но, кога излегол од светилиштето, лицето му светело од Божјата слава „и разбраа дека имал видение во храмот". Захарија ги известил за она што го видел и слушнал, „и кога поминаа деновите на неговата служба, тој се врати дома". {КВ 99.3}

Набргу по раѓањето на ветеното дете, на таткото му се враќа моќта на говорот, „па зборуваше и го фалеше Бога. И страв ги обзеде сите жители во околината и во сиот планински крај на Јудеја се зборуваше за сето ова, па сите што слушнаа го зедоа тоа при срце велејќи: „Какво ли ќе биде ова дете?" Сето тоа требало да го сврти вниманието на доаѓањето на Месијата, за кого Јован требало да го подготви патот. {КВ 99.4}

Светиот Дух почивал врз Захарија и тој со овие прекрасни зборови ја претскажал мисијата на својот син: {КВ 100.1}

„А ти дете, ќе се наречеш пророк на Севишниот,
Зашто ќе одиш пред лицето на Господа да ги подготвиш Неговите патишта;
На Неговиот народ да му дадеш сознание за спасение,
Преку проштавање на гревовите нивни,
Благодарение на нежната милост на нашиот Бог,
Со која не посети Зората од висините,
Да им даде светлина оние што седат во темнина и во смртна сенка;
Да ги упати нашите нозе на патот на мирот". {КВ 100.2}

„А детето растеше и се засилуваше со духот и беше в пустина до денот кога му се покажа на Израел". Пред раѓањето на Јован, ангелот рекол: „Тој ќе биде голем пред Господа и нема да пие ниту вино, ниту опивни пијалаци и ќе се исполни со Светиот Дух". Бог го повикал синот на Захарија за големо дело, најголемото дело кое некогаш му било доверено на човекот. За да го изврши тоа дело, Господ морал да работи со него. А Божјиот Дух ќе биде со него, доколку се придржува кон упатствата на ангелот. {КВ 100.3}

Јован требал да биде Јеховин гласник, носејќи им на луѓето светлина од Бога. Тој морал да даде нов правец на нивните мисли. Морал да им укаже на светоста на Божјите барања и на нивната потреба за Неговата совршена праведност. Таквиот гласник мора да биде свет. Тој мора да биде храм, во кој ќе престојува Божјиот Дух. За да ја исполни својата мисија, тој мора да има здрава телесна конституција и умствена и духовна сила. Затоа било неопходно тој да владее над своите желби и страсти, за да може меѓу луѓето да стои како карпа и како планина во пустината, непокренат од околностите. {КВ 100.4}

Во времето на Јован Крстителот биле многу распространети алчноста кон богатството, љубовта кон раскошот и надворешното покажување. Сетилните задоволства, гозбите и пијанките предизвикувале телесни заболувања и дегенерација, што ги затапувале духовните перцепции и ја намалувале чувствителноста кон гревот. Јован требало да стои како реформатор. Со својот умерен живот и со едноставната

облека, тој претставувал укор за неумереноста во тоа време. Затоа ангелот од небесниот престол им дал на Јовановите родители упатства за умереност. {КВ 100.5}

На карактерот најмногу може да се влијае во детството и во младоста. Тогаш треба да се стекне моќта на самоконтрола. Покрај огништето и семејната трпеза се вршат влијанија чии резултати се трајни како вечноста. Повеќе од која било природна дарба, навиките стекнати во раните детски години одлучуваат дали некој ќе биде победник или победен во животната битка. Младоста е време за сеидба. Таа одредува каква ќе биде жетвата за овој и за идниот живот. {КВ 101.1}

Како пророк, Јован требал да „ги врати срцата на татковците кон децата, а непокорните кон разумот на праведните, да му подготви на Господа народ подготвен". Подготвувајќи го патот за првото Христово доаѓање, тој бил претставник на оние, кои треба да го подготват народот за второто доаѓање на нашиот Господ. Светот се оддал на самоугодување. Насекаде се шират заблуди и лаги. Се намножуваат стапиците на сатаната за уништување на душите. Сите оние, кои сакаат да ја усовршат светоста во Божји страв, мора да ја научат поуката за умереност и самоконтрола. Желбите и страстите мора да се потчинат на повисоките сили на умот. Таа самодисциплина е од суштинско значење за менталната сила и за духовно расудување, кои ни овозможуваат да ги сфатиме и да ги спроведеме во дело светите вистини на Божјата Реч. Од таа причина умереноста има свое значајно место во подготовката за второто Христово доаѓање. {КВ 101.2}

Според природниот редослед, синот на Захарија би бил образуван за свештеничка служба. Меѓутоа, обучувањето во рабинските школи би го онеспособило за неговото дело. Бог не го испратил кај учителите по теологија за да научи како се толкува Светото Писмо. Тој го повикал во пустината за да се запознае со природата и со Творецот на таа природа. {КВ 101.3}

Јован го нашол својот дом во еден осамен крај, среде голи ритчиња, диви клисури и карпести пештери. Тој одлучил да се откаже од уживањето и раскошот и да ја прифати суровата дисциплина на пустината. Тука, околината била поволна за привикнување кон едноставност и самооткажување. Непопречуван од вревата на светот, тој можел да ги проучува поуките од природата, од откровенијата и Провидението. Јовановите богобојазливи родители често му ги повторувале зборовите што ангелот му ги упатил на Захарија. Уште од детството тие му укажувале на неговата мисија и тој ја прифатил светата доверба. Самотијата во пустината му дала можност да побегне од општеството, во кое речиси целосно доминирале сомнежот, неверието и нечистотијата. Тој немал доверба во сопствените сили дека ќе се спротивстави на искушението и затоа избегнувал постојан допир со гревот, за да не го загуби чувството на неговата страшна грешност. {КВ 101.4}

Посветен на Бога уште од своето раѓање како назирej, тој го прифатил овој завет за сиот свој живот. Неговата облека била облека на старите пророци облека од камилски влакна, опашан со кожен појас. Тој јадел „рогач и див мед," кои ги наоѓал во пустината и пиел чиста планинска вода. {КВ 102.1}

Меѓутоа, Јован не го поминал својот живот во безделничење, во испосничка тага или во себична изолација. Од време на време одел во друштво на луѓето и внимателно следел сè што се случува во светот. Од своето мирно и тивко засолниште го следел развојот на настаните. Со визија просветлена од божествениот Дух тој го проучувал карактерот на луѓето, за да разбере како да допре до нивните срца со небесна порака.

Врз него почивал товарот на мисијата. Во осаменост, размислување и молитва, тој се трудел да ја подготви својата душа за животното дело што било пред него. {КВ 102.2}

Иако бил во пустина, не бил поштеден од искушенија. Колку што било можно, го затворал секој пат по кој сатаната би можел да влезе, а Сепак бил изложен на нападите од искушувачот. Но, неговите духовни перцепции биле јасни; развил сила и одлучност на карактерот, па со помош на Светиот Дух бил во состојба да го забележи приодот на сатаната и да се спротивстави на неговата сила. {КВ 102.3}

Во пустината Јован пронашол своја школа и свое светилиште. Како и Мојсеј среде мадијанските планини, се наоѓал во Божјо присуство и бил опкружен со знаците на Неговата сила. Нему не му паднало во дел, како на големиот водач на Израел, да живее во величествената осаменост на планините; но моавските височини биле пред него, од другата страна на Јордан, зборувајќи за Оној, Кој ги поставил планините и ги опашал со сила. Мрачниот и ужасниот изглед на природата во пустината јасно ја прикажувал состојбата на Израел. Родното Господово лозје станало необработена пустелија. Меѓутоа, над пустината се издигнувало сјајното и прекрасно небо. Темните облаци биле надвиснати од виножитото на ветувањето. Така, над изопаченоста на Израел блескала ветената слава на царството на Месијата. Облаците на гневот биле растерани од виножитото на Неговата заветна милост. {КВ 102.4}

Сам во тивката ноќ, го читал Божјото ветување дадено на Авраам за потомството безбројно како ѕвездите. Светлината на зората, позлатувајќи ги моавските планини, зборувала за Оној, Кој ќе биде како „утринска светлина, кога ќе изгрее сонцето, како утро без облак". (2. Самоилова 23:4) А во пладневната светлина ја гледал величественоста на Неговата појава, кога „ќе се јави славата Господова и ќе ја види секое тело". (Исаија 40:5) {КВ 102.5}

Со дух полн со стравопочит, но и со радост, ги истражувал пророчките свитоци на откровенијата за доаѓањето на Месијата ветеното семе што ќе и ја рани главата на змијата; Шајло, „Дарител на мирот," Кој требал да се појави пред да снема цар на Давидовиот престол. Сега дошло тоа време. Во палатата на гората Сион седел еден римски владетел. Врз основа на сигурната Божја Реч, Христос веќе бил роден. {КВ 103.1}

Денонoќно ги проучувал прикажувањата на Исаија за славата на Месија на таа Шиблинка од коренот на Есеј; на Царот, Кој ќе владее во праведност, „Кој на кротките ќе им суди според правдата" и Кој ќе биде „како засолниште од ветер... како сенка од голема карпа во жедна пустелија". Израел веќе нема да се нарекува „Оставен," ниту неговата земја „Пустош," туку Господ ќе го вика „Своја милина," а неговата земја „Мажена". (Исаија 11:4; 32:2; 62:4) Срцето на осамениот изгнаник било исполнето со величествена визија. {КВ 103.2}

Тој го набљудувал Царот во неговата убавина и неговото „јас" било заборавено. Ја гледал величественоста на светоста и се чувствувал недоволен и недостоен. Бидејќи гледал на Божествениот, бил подготвен да појде меѓу луѓето како небесен гласник, без да чувствува ниту малку страв. Можел да стои простум и бестрашно во присуство на земните владетели, бидејќи длабоко се поклонувал пред Царот на царевите. {КВ 103.3}

Јован не ја сфатил потполно природата на царството на Месијата. Се надевал дека Израел ќе биде ослободен од своите национални непријатели, но најголема цел на неговата надеж била доаѓањето на Царот во праведност и воспоставувањето на Израел како свет народ. Верувал дека со тоа ќе се исполни пророштвото дадено при неговото раѓање: {КВ 103.4}

„Да се присети за Својот свет завет...
За ние избавени од рацете на непријателите,
Да му служиме без страв
Во светост и праведност пред Него во сите наши дни”. {КВ 103.5}

Видел дека неговиот народ е заведен, самозадоволен и успиен во своите гревови. Копнеел да го разбуди за посвет живот. Веста, која Бог му ја дал да ја објави, требало да го разбуди од неговата летаргија и да го наведе да затрепери заради својата голема безбожност. Пред семето на евангелието да пронајде место, почвата на срцето мора да се обработи. Пред да побараат исцелување од Исуса, мораат да станат свесни за опасноста од раните на гревот. {КВ 103.6}

Бог не испраќа гласници за да му ласкаат на грешникот. Тој не испраќа вест на мир, за со кобна сигурност да ги успие непосветените. Тој става тешки товари на совеста на престапникот и ја прободува душата со стрели на убедување. Ангелите служители му укажуваат на грешникот на ужасните Божји казни, за да поттикнат во него чувство на потреба и да го наведат да извикне: „Што треба да направам за да се спасам?“ Тогаш Раката, Која го понизила до прав го подига покајникот. Гласот што го укорувал гревот, и ја засрамил горделивоста и амбицијата, прашува со најнежно сочувство: „Што сакаш да ти направам?“ {КВ 104.1}

Кога почнала Јовановата служба, кај народот владеело возбуда и незадоволство, кои се граничеле со бунт. Бидејќи Архелај бил симнат од престолот, Јудеја дошла непосредно под контрола на Рим. Тиранијата и изнудувањето од страна на римските гувернери и нивните настојувања да воведат незнабожечки симболи и обичаи предизвикале бунт, кој бил задушен со крвта на илјадници најхрабри Израелци. Сето ова ја засилило омразата на народот кон Рим и копнежот да се ослободи од неговата сила. {КВ 104.2}

Среде неслогата и кавгите, се слушнал глас од пустината, глас кој бил застрашувачки и строг, а Сепак исполнет со надеж: „Покајте се, зашто се приближи царството небесно”. Тој глас со некоја нова, необична сила влијаел на народот. Пророците го прикажувале Христовото доаѓање како настан во далечна иднина, но овој глас навестувал дека Тој е тука. Невообичаениот изглед на Јован будел кај слушателите сеќавања на старите пророци. Со своето однесување и облекување, Јован прилегал на пророкот Илија. Со силата и духот на Илија, тој ја осудувал расипаноста на народот и ги укорувал гревовите кои преовладувале. Неговите зборови биле јасни, директни и убедливи. Многумина сметале дека тој е еден од пророците, кој воскреснал од мртвите. Кај целиот народ постоела силна возбуда. Мноштво луѓе Доаѓале во пустината. {КВ 104.3}

Јован го објавувал доаѓањето на Месијата и го повикувал народот на покајание. Како симбол на очистувањето од гревот, тој крштевал во реката Јордан. Така, на разбирлив симболичен начин, покажал дека гревот ги извалкал оние, кои тврдат дека се Божји избран народ и дека не можат да имаат дел во царството на Месијата, доколку не го очистат своето срце и својот живот. {КВ 104.4}

Кнезови и рабини, војници, цариници и селани дошле да го слушнат пророкот. Свеченото предупредување од Бога ги вознемирувало за извесно време. Многумина биле доведени до покајание и се крстиле. Луѓе од сите положби се покориле на барањата на Крстителот, со цел да имаат дел во царството, кое тој го објавувал. {КВ 105.1}

Многу книжевници и фарисеи дошле да ги признаат своите гревови и да бараат да бидат крстени. Тие се сметале себеси подобри од останатите луѓе и го наведувале народот да има високо мислење за нивната побожност. Сега биле откриени тајните гревови на нивниот живот. Меѓутоа, Светиот Дух му покажал на Јован дека многумина од тие луѓе немале вистинско осведочување за гревот. Тие само се прилагодувале на нештата од лична корист. Како пријатели на пророкот, тие се надевале дека ќе најдат благонаклонетост кај Кнезот, Кој Доаѓа. Крштавајќи се кај овој млад популарен учител, сметале дека ќе го зацврстат своето влијание кај народот. {КВ 105.2}

Јован ги дочекал со острото прашање: „Породе змиски, кој ви кажа да бегате од гневот што иде? Принесете род, кој одговара на покајание и немојте да зборувате во себе: 'Наш татко е Авраам', зашто ви велам, Бог може од овие камења да му подигне деца на Авраама". {КВ 105.3}

Евреите погрешно го протолкувале ветувањето за Божјата вечна наклонетост кон Израел: „Вака вели Господ, Кој го дава Сонцето да свети дење, а Месечината и ѕвездите да светат ноќе, Кој го покренува морето да бучат неговите бранови, на Кого името му е Господ над војските; Ако некогаш се нарушат тие закони пред Мене, вели Господ, тогаш и потомството Израелево ќе престане да биде народ пред лицето Мое засекогаш. Вака вели Господ: 'Ако можат да се измерат небесата горе и да се пребараат темелите на Земјата долу, тогаш и јас ќе го отфрлам потомството Израелево, заради сè што сторија', вели Господ". (Еремија 31:35-37) Евреите сметале дека нивното природно потекло од Авраама им дава право на тоа ветување. Меѓутоа, тие ги превиделе условите што Бог ги поставил. Пред да им го даде ветувањето, Тој рекол: „Ќе го ставам Мојот закон во нивната душа и ќе го напишам во нивното срце и ќе бидам нивен Бог, а тие ќе бидат Мој народ... зашто ќе им го простам нивното беззаконие и на нивните гревови веќе нема да се сеќавам". (Еремија 31:33, 34) {КВ 106.1}

Неговата благонаклонетост му е осигурена на народот во чие срце е запишан Неговиот закон. Тој е едно со Него. Меѓутоа, Евреите се одвоиле од Бога. Заради своите гревови, страдале под Неговите казни. Ова било причина за нивното ропство на еден незнабожечки народ. Нивните умови биле помрачени поради престапот и бидејќи во минатото Господ бил толку милостив кон нив, тие ги оправдувале своите гревови. Си ласкале себеси дека се подобри од другите луѓе и дека имаат право на Неговите благослови. {КВ 106.2}

Сето ова „се напиша како опомена за нас, кои живееме во последното време". (1. Коринтјаните 10:11) Колку често, погрешно ги толкуваме Божјите благослови и си ласкаме себеси дека сме во некоја посебна милост заради некоја добрина во нас! Бог не може да го направи за нас она што би сакал да го направи. Неговите дарови се користат за уште повеќе да си служиме себеси и за нашето срце да се стврдне во неверие и во грев. {КВ 106.3}

Јован им објавил на учителите во Израел дека нивната гордост, себичност и свирепост покажуваат дека се змиски пород, смртно проклетство за народот, а не деца на праведниот и послушен Авраам. Со оглед на светлината што ја примиле од Бога, тие дури биле полоши од незнабошците, од кои се чувствувале многу посупериорни. Ја заборавиле карпата од која биле изделкани и длабоката јама од која биле ископани. Бог не зависел од нив за постигнување на Својата цел. Како што го повикал Авраам од еден незнабожечки народ, така можел да повика и други во Својата служба. Можеби срцето на тие луѓе изгледало безживотно, како камен во пустината, но Неговиот Дух

може да ги оживее за да ја творат Неговата волја и да го примат исполнувањето на Неговото ветување. {КВ 106.4}

„А сега“ рекол пророкот „секирата е ставена на коренот на дрвото; затоа секое дрво, кое не носи добар плод ќе биде исечено и фрлено во оган”. Вредноста на дрвото не се цени според неговото име, туку според неговиот род. Ако дрвото нема добар род, името нема да го спаси од уништување. Јован им рекол на Евреите дека нивната положба пред Бога ќе зависи од нивниот карактер и живот. Исповедањето на верата нема вредност. Ако нивниот живот и карактер не се во склад со Божјиот закон, тогаш тие не се Негов народ. {КВ 107.1}

Со зборови кои потресуваат и продираат до срцето, тој ги убедил своите слушатели. Тие му приоѓале со прашањето: „Што треба да правиме?“ Тој им одговорил: „Кој има две облеки, нека даде една на оној што нема; и кој има храна, нека прави исто така”. Цариниците ги предупредувал да не прават неправда, а војниците да не бидат насилници. {КВ 107.2}

Сите, кои ќе станат поданици на Христовото царство, ќе дадат доказ за својата вера и покајание. Во нивниот живот ќе се манифестира љубезност, чесност и верност. Ќе им помагаат на страдалниците и ќе принесуваат дарови на Бога. Ќе ги штитат немоќните и ќе даваат пример на доблест и милосрдие. Така, Христовите следбеници ќе пружат доказ за преобразувачката сила на Светиот Дух. Во секојдневниот живот ќе манифестираат Божја правда, милост и љубов. Ако нивниот живот не е таков, тогаш тие се како плевел што се фрла во оган. {КВ 107.3}

„Јас навистина ве крштавам со вода за покајание,“ говорел Јован, „но Оној што Доаѓа по мене е посилен од мене. Јас не сум достоен да му ги понесам ни обувките. Тој ќе ве крсти со Свети Дух и со оган”. (Матеј 3:11) Пророкот Исаија рекол дека Господ ќе го очисти Својот народ од неговите гревови со „Духот, Кој суди и спалува”. Господовата Реч упатена до Израел гласела: „Ќе ја свртам раката Моја над тебе, да го очистам твојот троскот, да ја отстранам од тебе секоја примеса”. (Исаија 4:4; 1:25) За гревот, каде и да се најде „нашиот Бог е оган што го спалува секој”. (Евреите 12:29) Божјиот Дух ќе го уништи гревот во сите што ќе се потчинат на Неговата сила. Но, ако луѓето цврсто се држат до гревот, тогаш тие се идентификуваат со него. Тогаш Божјата слава, која го уништува гревот, мора да ги уништи и нив. Јаков, по својата тешка борба со ангелот, извикал: „Го видов Бога лице во лице и душата моја се избави”. (Создавање 32:30) Јаков бил виновен поради големиот грев што го сторил во своето однесување кон Исав, но тој се покајал. Престапот му бил простен и тој бил очистен од гревот, затоа и можел да го поднесе откровението на Божјото присуство. Меѓутоа, секогаш кога луѓето Доаѓале пред Бога, а намерно негувале зло, биле уништени. При второто Христово доаѓање, безбожниците ќе бидат уништени „со Духот од Неговите усни“ и погубени со „светлината на Неговото доаѓање”. (2. Солунјаните 2:8) Светлината на Божјата слава, која им дава живот на праведниците, ќе ги погуби грешниците. {КВ 107.4}

Во времето на Јован Крстителот, Христос требал да се појави како Оној, Кој ќе го открие карактерот на Бога. Самото Негово присуство ќе им укаже на луѓето на нивните гревови. Тие ќе можат да имаат заедница со Него, само ако се подготвени да се очистат од гревовите. Во Негово присуство можат да останат само оние, кои се со чисто срце. {КВ 108.1}

Така Крстителот му ја објавувал на Израел Божјата вест. Многумина ги прифатиле неговите поуки. Многумина жртвувале сè за да го послушаат. Мноштво луѓе го следеле новиот учител од место во место и не биле малку оние што негувале надеж дека тој би

можел да биде Месијата. Кога Јован видел дека луѓето се свртуваат кон него, ја користел секоја можност да ја насочи нивната вера кон Оној, Кој требало да дојде. {КВ 108.2}

11. ИСУСОВОТО КРШТЕВАЊЕ

Оваа поглавје е засновано на Матеј 3:13-17; Марко 1:9-11; Лука 3:21,22.

Гласот за пророкот од пустината и неговата чудесна вест се раширила низ цела Галилеја. Веста допрела до селаните дури и во најзафрлените планински села и до рибарите на езерото и во тие едноставни, срдечни срца, наишла на најискрен одзив. За тоа се зборувало и во Назарет, во работилницата на дрводелецот Јосиф и Исус го разбрал повикот. Неговото време дошло. Напуштајќи ја својата секојдневна работа, Тој се простил од Својата мајка и тргнал по стапките на Своите сонародници, кои се собирале кај Јордан. {КВ 109.1}

Исус и Јован Крстител биле роднини и тесно поврзани со околностите на своето раѓање, но сепак не се познавале лично еден со друг. Исус го поминал животот во Назарет, во Галилеја, а Јован во јудејската пустина. Живеејќи во различни околности и повлечено, тие немале комуникација еден со друг. Така одредило Провидението. Не требало да биде дадена никаква можност што би ги обвинувала дека се договарале да се поддржуваат еден со друг. {КВ 109.2}

Јован бил запознаен со настаните кои го обележале Исусовото раѓање. Слушнал за посетата на Ерусалим во Неговото детство и што се случило во рабинската школа. Знаел за Неговиот безгрешен живот и верувал дека Тој е Месијата, но за тоа немал силни докази. Фактот дека Исус поминал толку години во повлеченост, не поткрепувајќи ја со ништо Својата мисија, давала можност за сомневање дали Тој би можел да биде Ветениот. Сепак, Крстителот чекал со вера, убеден дека во Свое време Бог ќе објасни сè. Му било откриено дека Месијата од него ќе бара да го крсти и дека тогаш ќе биде даден знак за Неговиот божествен карактер. Така ќе биде во можност да му го претстави на народот. {КВ 109.3}

Кога Исус дошол кај Јован да се крсти, Крстителот во Него видел чистота на карактерот, каква што никогаш порано не забележал кај ниеден човек. Атмосферата на Неговото присуство била света и влевала стравопочит. Меѓу мноштвото што се собирало околу него, Јован слушнал мрачни приказни за злосторства и видел души свиени под товарот на безбројни гревови, но никогаш не дошол во допир со човек од кој толку зрачело божествено влијание. Сето тоа било во склад со она што му било откриено на Јован за карактерот на Месијата. Сепак, тој се притеснувал да го исполни Исусовото барање. Како тој, грешник, да го крсти Безгрешниот? И зошто Оној, Кому не му било потребно покајание морал да се потчини на еден обред што го претставува признавањето на вината која треба да се измие? {КВ 110.1}

Кога Исус побарал да биде крстен, Јован извикал: „Ти треба мене да ме крстиш, а Ти Доаѓаш при мене!“ Благо, а сепак решително, Исус одговорил: „Остави го сега тоа, зашто нам ни претстои да ја исполниме сета правда”. Попуштајќи, Јован го повел Спасителот до Јордан и го нурнал во водата. Исус „веднаш излезе од водата. И ете наеднаш се отворија небесата и Тој го виде Божјиот Дух како слегува како гулаб и се спушта на Него”. {КВ 111.1}

Исус не го примил крштевањето како признание на Својата вина. Тој се идентификувал Себеси со грешниците, правејќи чекор, кој мораме ние да го направиме и извршувајќи го делото, кое ние мораме да го извршиме. Неговиот живот на страдање и истрајно трпение по крштавањето исто така претставува пример за нас. {КВ 111.2}

Кога излегол од водата, Исус ја наведнал главата во молитва на брегот од реката. Пред Него се отворал нов и значаен период. Тој сега, на една поширока сцена, влегувал во конфликтот на Својот живот. Иако бил Кнез на мирот, Неговото доаѓање морало да изгледа како извлекување на меч од корицата. Царството кое дошол да го основа било спротивно на она што го посакувале Евреите. Тој, Кој бил темел на церемониите и еврејското верско уредување, ќе биде сметан како негов непријател и уништувач. Тој, Кој го објавил законот на Синај, ќе биде осуден како престапник. Тој, Кој дошол да ја уништи силата на сатаната, ќе биде обвинет дека е Велзевул. Никој на Земјата не го сфаќал и во текот на Својата служба морал да чекори сам. Во текот на целиот Негов живот Неговата мајка и Неговите браќа не ја сфаќале Неговата мисија. Дури ниту Неговите ученици не го разбрале. Како едно со Бога, живеел во вечна светлина, но Својот живот на Земјата морал да го помине во осаменост. {КВ 111.3}

Како едно со нас, морал да го носи товарот на нашата вина и несреќа. Безгрешниот морал да го чувствува срамот на гревот. Љубителот на мирот морал да живее во конфликт, вистината морала да живее со лагата, чистотата со нечистотијата. Секој грев, секоја неслога, секој валкан порок, кој го донел престапот со себе, претставувале мачење за Неговата душа. {КВ 111.4}

Сам морал да оди по патот, сам морал да го носи бремето. Спасението на светот мора да почива на Оној, Кој ја положил Својата слава и ги примил на Себе слабостите на човештвото. Тој го видел и почувствувал сето тоа, но Неговата цел останала цврста. Од Него зависело спасението на паднатиот човечки род и Тој ја испружил раката, за да се фати за раката на Семоќната Љубов. {КВ 111.5}

Додека ја излевал Својата душа во молитва, погледот на Спасителот како да проникнувал во Небото. Добро знаел колку се стврднати човечките срца заради гревот и колку на луѓето ќе им биде тешко да ја сфатат Неговата мисија и да го примат дарот на спасението. Тој го молел Таткото да му даде сила да го совлада нивното неверие, да ги скрши оковите со кои сатаната ги маѓепсал и заради нив да го победи уништувачот. Молел за очигледен доказ дека Бог го прима човештвото во лицето на Својот Син. {КВ 111.6}

Никогаш порано ангелите не слушнале таква молитва. Тие биле исполнети со силна желба на Својот сакан Заповедник да му донесат вест на уверување и утеха. Но не, Самиот Татко ќе одговори на молитвата на Својот Син. Директно од престолот се излеваат зраците на Неговата слава. Небесата се отвориле и врз главата на Спасителот се спуштила најчиста светлина во облик на гулаб соодветен симбол за Оној што е понизен и кроток. {КВ 112.1}

Во големото мноштво собрано на Јордан имало малку луѓе кои, освен Јован, го виделе ова небесно видение. Сепак, светоста на божественото присуство почивала на присутните. Народот во тишина го набљудувал Христа. Неговата форма била осветлена со светлината, која вечно блеска околу Божјиот престол. На Неговото лице, подигнато кон небото, се одразувала слава каква што никогаш дотогаш не се видела на лицето на ниту еден човек. Од отворените небеса се слушнал Глас, Кој зборувал: „Ова е Мојот возљубен Син, Кој е по Мојата волја”. {КВ 112.2}

Овие потврдни зборови биле дадени за да ги вдахнат со вера оние кои биле сведоци на тој настан и да го зајакнат Спасителот за Неговата мисија. И покрај тоа што гревовите на грешниот свет биле пренесени на Христа, и покрај тоа што Тој се понизил и ја презел на Себе природата на паднатиот човек, Гласот од небото потврдил дека Тој е Син на Вечниот. {КВ 112.3}

Јован бил длабоко возбуден, кога го видел Исуса како понизен молител, Кој со солзи во очите барал потврда од Таткото. Кога Божјата слава го опкружила Христа и кога се слушнал Глас од небото, Јован го препознал знакот што му го ветил Бог. Тогаш тој знаел дека го крстил Спасителот на светот. Светиот Дух почивал на Него и со подадена рака, покажувајќи кон Исуса, Јован рекол: „Еве го Божјото Јагне, Кое ги зема на Себе гревовите на светот". {КВ 112.4}

Никој меѓу присутните, па дури ниту Јован, кој го кажал тоа, не го разбрал значењето на тие зборови: „Божјо Јагне". На гората Морија, Авраам го слушнал прашањето на својот син: „Татко! Каде е јагнето за жртва?" Таткото одговорил: „Синко, Бог ќе си обезбеди за Себе јагне за жртва". (Создавање 22:7,8) Во овенот што се нашол тука преку божественото провидение, Авраам видел симбол на Оној, Кој ќе умре заради човечките гревови. Служејќи се со истиот симбол, Светиот Дух преку Исаија пророкувал за Спасителот: „Го одведоа како јагне на колење," „Господ ги стави на Него сите наши беззаконија" (Исаија 53:7,6), но израелскиот народ не ја разбрал таа поука. Многумина од нив на жртвените дарови гледале онака како што незнабошците гледале на своите жртви како дарови преку кои ќе го одоброволат Божеството. Бог сакал да ги поучи дека од Неговата љубов произлегува дар што ги помирува со Него. {КВ 112.5}

Зборовите што му биле упатени на Исуса на Јордан „Ова е Мојот возљубен Син, Кој е по Мојата волја" го опфаќаат човештвото. Бог му зборувал на Исуса како на наш претставник. Покрај сите наши гревови и слабости, ние не сме отфрлени како недостојни. Тој не прифати во Возљубениот". (Ефесјаните 1:6) Божјата слава, која почивала на Христа, претставува залог за Божјата љубов кон нас. Таа ни укажува на моќта на молитвата како човечкиот глас може да стигне до Божјото уво, како нашите молитви можат да бидат услишени во Небесните дворови. Заради гревот Земјата била одвоена од Небото и отуѓена од заедница со него, но Исус повторно ја поврзал Земјата со сферата на славата. Неговата љубов го опкружила човекот и достигнала до највисокото небо. Светлината, која од отворените небеса ја осветлила главата на нашиот Спасител, ќе не осветли и нас, кога се молиме за помош да му се спротивставиме на искушението. Гласот, Кој му зборувал на Исуса, и зборува на секоја душа што верува: „Ова е Моето возљубено дете, кое е по Мојата волја". {КВ 113.1}

„Возљубени, сега сме деца Божји и уште не се покажа што ќе бидеме. Но знаеме дека кога Тој ќе се покаже, ќе бидеме слични на Него, зашто ќе го видиме онаков каков што е". (1. Јованово 3:2) Нашиот Откупител го отворил патот, така што најгрешните, најзагрозените, најугнетените и најпрезрените можат да најдат пристап кон Таткото. Сите можат да најдат свој дом во живеалиштата што Исус отишол да ги подготви. „Ова го кажува Светиот, Вистинитиот, Оној што го има Давидовиот клуч; Оној што отвора и никој не затвора; Оној што затвора и никој не отвора... Ете, поставив пред тебе отворена врата, која никој не може да ја затвори". (Откровение 3:7,8) {КВ 113.2}

12. ИСКУШЕНИЕ ВО ПУСТИНАТА

Оваа поглавје е засновано на Матеј 4:1-11; Марко 1:12, 13; Лука 4:1-13.

„Исус пак, полн со Свети Дух, се врати од Јордан и Духот го поведе во пустината". Марко употребува уште позначаен израз. Тој вели: „Веднаш потоа Духот го изведе во пустината. И остана во пустината четириесет дена и сатаната го искушуваше. Таму беше со диви животни". „И во тие денови Тој не јадеше ништо". {КВ 114.1}

Кога Исус бил поведен во пустината за да биде искушан, Него го водел Божјиот Дух. Тој не го повикал искушението. Тој отишол во пустината за да биде сам, за да размислува за Својата мисија и дело. Со пост и молитва морал да се подготви за крвавата патека по која морал да помине. Меѓутоа, сатаната знаел дека Спасителот отишол во пустината и сметал дека тоа е најповолен момент за да му пристапи. {КВ 114.2}

Во борбата помеѓу Кнезот на светлината и поглаварот на царството на темнината се работело за прашања од огромно значење за светот. Бидејќи со искушение го навел човекот на грев, сатаната тврдел дека Земјата му припаѓа нему и затоа се нарекол себеси кнез на овој свет. Бидејќи прататкото и прамајката на целиот човечки род ги прилагодил кон својата природа, сатаната имал намера тука да основа свое царство. Тој изјавил дека луѓето го избрале за свој владетел. Со својата власт над луѓето, тој господарел со светот. Христос дошол да го негира ова тврдење на сатаната. Како Син Човечки, Христос ќе остане верен на Бога. На тој начин ќе се покаже дека сатаната не стекнал целосна власт над човечкиот род и дека неговото тврдење за власта над светот е лажно. Сите што сакаат да се ослободат од неговата власт ќе бидат ослободени. Ќе се поврати власта која била изгубена поради Адамовиот грев. {КВ 114.3}

Откако во Едемската градина и било кажано на змијата: „Ставам непријателство меѓу тебе и жената, меѓу семето твое и семето нејзино" (Создавање 3:15), сатаната знаел дека нема апсолутна власт над светот. Кај луѓето постоела некоја сила, која се спротивставува на неговата власт. Со најголем интерес ги набљудувал жртвите кои ги принеле Адам и неговите синови. Во тие обреди тој јасно го видел симболот на заедништво помеѓу Небото и Земјата. Одлучил да ја спречи таа заедница. Погрешно го прикажувал Бога и погрешно ги прикажувал обредите што укажувале на Спасителот. Луѓето биле наведени да стравуваат од Бога, како од Оној, Кој ужива во нивното уништување. Жртвите, кои требале да ја откријат Неговата љубов, биле принесувани само за да стивне Неговиот гнев. Сатаната поттикнувал лоши страсти кај луѓето, за да ја зацврсти својата власт над нив. Кога била дадена Божјата пишана Реч, сатаната ги проучувал пророштвата за доаѓањето на Спасителот. Од генерација на генерација сатаната работел со цел да ги заслепи луѓето за ова пророштво за тие да го отфрлат Христа при Неговото доаѓање. {КВ 115.1}

При Исусовото раѓање сатаната знаел дека дошол Еден со божествен налог да ја оспори неговата власт. Затоа треперел, кога ја слушнал веста на ангелот, со кој била потврдена власта на новороденият Цар. Сатаната добро знаел каква положба имал Христос на Небото, како Возљубен од Таткото. Тоа што Божјиот Син требало да дојде на Земјата како човек, го исполнувала со вчудовидување и со страв. Тој не бил во состојба да проникне и да ја сфати тајната на таа голема жртва. Неговата себична душа не можела да ја разбере таквата љубов кон измамената раса. Луѓето нејасно ги сфатиле славата и мирот на Небото и радоста од заедницата со Бога, но Луцифер, херувим и

засолнувач, тоа добро го знаел. Откако го загубил небото, тој одлучил да се одмаздува, наведувајќи ги другите да учествуваат во неговиот пад. Тоа ќе го постигне ако ги наведува да ги потценуваат небесните добра и ако своите срца ги насочат кон она што е земно. {КВ 115.2}

Небесниот заповедник морал да наидува на пречки додека ги придобивал душите за Своето царство. Од времето кога бил новороденче во Витлеем, Тој постојано бил изложен на напади од страна на сатаната. Божјиот лик се одразувал во Христа, а во советите на сатаната било одлучено дека Исус мора да се победи. Ниту едно човечко суштество не дошло на светот без да ја избегне силата на измамникот. Сите сили на злото сега се здружиле во борба против Него, и ако е можно да го победат. {КВ 116.1}

При крштевањето на Спасителот сатаната бил меѓу сведоците. Видел како славата на Таткото го засенува Неговиот Син. Го слушнал Божјиот глас со Кој било посведочено Христовото божество. Од Адамовиот грев, човечкиот род бил отсечен од непосредната заедница со Бога; врската помеѓу Небото и Земјата се одржувала преку Христа. Меѓутоа, сега, кога Исус дошол „во обличје слично на грешното тело“ (Римјаните 8:3), Таткото лично проговорил. Претходно, Тој општел со луѓето преку Христа; сега Тој општи со човечкиот род во Христа. Сатаната се надевал дека Божјата омраза кон злото ќе доведе до вечно одвојување помеѓу Небото и Земјата. Меѓутоа, сега очигледно се покажало дека врската помеѓу Бога и човекот е обновена. {КВ 116.2}

Сатаната увидел дека или мора да победи или ќе биде победен. Прашањата околу кои се водела борба, биле премногу значајни за да може да се надева во своите ангели сојузници. Тој лично мора да раководи со битката. Сите отпаднички сили се здружиле против Божјиот Син. Христос станал мета на секое пеколно оружје. {КВ 116.3}

Многумина сметаат дека таа борба меѓу Христа и сатаната нема некое особено значење за нивниот сопствен живот и затоа таа малку ги интересира. Меѓутоа, оваа борба се повторува во секое човечко срце. Ниту еден човек не го напушта царството на злото за да му служи на Бога, а да не се изложи на напади од сатаната. Наведувањата на грев на кои Христос се спротивставил, се оние на кои ние тешко се спротивставуваме. Тој бил изложен на искушенија во уште поголем степен, бидејќи Неговиот карактер е посупериорен од нашиот. Носејќи го на себе огромниот товар на гревот на овој свет, Христос му се спротивставил на искушението во поглед на апетитот, љубовта кон светот како и во поглед на љубовта кон надворешното покажување, која води кон дрскост. Тие биле искушенијата кои ги совладале Адам и Ева и кои толку лесно не совладуваат и нас. {КВ 116.4}

Сатаната укажал на Адамовиот грев, како на доказ дека Божјиот закон е неправеден и дека никој не може да му се покорува. Во нашата човечка природа, Христос требало да го откупи Адамовиот пад. Меѓутоа, кога Адам бил изложен на нападот на искушувачот, тој тогаш сè уште не бил потчинет на силата на гревот. Располагал со силата на совршена мажевност и со сите сили на умот и телото. Бил опкружен со славата на Едем и секојдневно општел со небесните суштества. Тоа не било случај, кога Исус отишол во пустината за да се соочи со сатаната. Во текот на четири илјади години, телесните, умствените, духовните и моралните вредности на човечкиот род постојано биле намалувани, а Христос ги зел на Себе слабостите на изопачениот човечки род. Само на тој начин можел да го спаси човекот од најголемите длабочини на неговата деградација. {КВ 117.1}

Многумина тврдат дека било невозможно искушението да го совлада Христа. Во тој случај Тој не би можел да биде ставен во Адамова положба, не би можел да ја извојува

победата што не ја извојувал Адам. Ако во која било смисла ние имаме потешка борба од Христа, тогаш Тој не би бил во состојба да ни помогне. Меѓутоа, нашиот Спасител ја зел човечката природа со сите нејзини слабости. Тој ја зел човечката природа заедно со можноста да му попушти на искушението. Ние ништо не треба да поднесеме што Тој не поднел. {КВ 117.2}

Кај Христа, како и кај светиот пар во Едем, апетитот претставувал почва за првото големо искушение. Таму каде што бил првиот пад таму мора да започне делото на нашето спасение. Како што Адам, попуштајќи му на апетитот, паднал во грев, така Христос мора да победи, откажувајќи се од таа желба. „И откако Тој постеше четириесет дена и четириесет ноќи, најпосле огладне. Тогаш му пристапи искушувачот и рече: 'Ако си Божји Син, нареди овие камења да станат лебови'. Исус одговори: Пишано е: 'Човекот не живее само од лебот, туку од секој збор што излегува од Божјата уста'". {КВ 117.3}

Од времето на Адам, па сè до Христа, попуштањето на сопствените склоности ја зголемувало моќта на апетитот и страстите, така што тие речиси неограничено завладеале. Затоа луѓето паднале ниско, се изложиле на многу болести и било невозможно да се совладаат тие страсти сами од себе. Заради човекот, Христос победил и им одолеал на најтешките искушенија. Неговото самосовладување заради нас било посилно од глад или смрт. Таа прва победа опфаќала и други прашања, кои се вклучени во секоја наша борба со силите на темнината. {КВ 117.4}

Кога дошол во пустината, Исус бил опкружен со Татковата слава. Обземен од заедницата со Бога, Тој се издигнал над човечките слабости. Меѓутоа, славата го напуштила и Христос бил оставен да се бори против искушенијата. Тие навалувале на Него секој момент. Неговата човечка природа треперела пред борбата која му претстоела. Четириесет дена постел и се молел. Слаб и исцрпен од гладот, изморен и измачен од душевни маки, „лицето му беше обезличено повеќе отколку на кој било човек и Неговиот облик повеќе, отколку на синовите човечки". (Исаија 52:14) Сега настапил мигот на сатаната. Мислел дека дошол моментот кога ќе може да извојува победа и над Христа. {КВ 118.1}

Тогаш на Спасителот, како на одговор на Неговите молитви, му пристапил некој во облик на небесен ангел. Тој тврдел дека по налог добиен од Бога објавува дека Христовиот пост е завршен. Како што Бог му испратил ангел на Авраам и му ја задржал раката да не го жртвува Исак, така Таткото, задоволен од Христовата подготвеност да тргне по крвавата патека, испратил ангел да го избави; тоа била веста што му била донесена на Исуса. Спасителот бил исцрпен од гладот, Тој копнеел по храна, кога сатаната му пристапил. Покажувајќи на камењата кои биле расфрлани низ пустината и прилегале на лебови, искушувачот рекол: „Ако си Божји Син, нареди овие камења да станат лебови". {КВ 118.2}

Иако се појавил како ангел на светлината, овие први зборови го издале неговиот карактер. „Ако си Божји Син". Овде лежи навестување на сомнеж. Искушувачот имал намера да го совлада Христа со исти средства, кои со толкав успех го употребувал на човечкиот род во почетокот. Колку вешто сатаната и се приближил на Ева во Едем! „Вистина ли е дека Бог рекол: 'Не смеете да јадете од секое дрво во градината'?" (Создавање 3:1) Досега зборовите на искушувачот биле вистинити, меѓутоа, во начинот на кој биле изговорени се наоѓало прикриено омаловажување на Божјите зборови. Имало прикриено негирање, сомневање во божествената вистинитост. Сатаната се обидувал во умот на Ева да ја влее мислата дека Бог нема да постапи така како што

рекол, дека задржувањето на тој прекрасен плод е во спротивност со Неговата љубов и сочувство кон човекот. Така и сега искушувачот се трудел да му ги наметне своите сфаќања на Христа. „Ако си Божји Син". Тие зборови гореле со огорченост во неговиот ум. Тонот на неговиот глас оддавал крајна недоверба. Дали Бог така би постапил кон својот Син, оставајќи го во пустината со диви ѕверови, без храна, без друштво, без утеха? Искушувачот навестува дека Бог немал намера Неговиот Син да се најде во таква состојба. „Ако си Божји Син покажи ја Својата моќ, ослободувајќи се од гладот што те мачи. Заповедај им на овие камења да се претворат во лебови". {КВ 118.3}

Во ушите на сатаната сè уште одѕонувале зборовите од Небото: „Ова е Мојот, Возљубен Син, Кој е по Мојата волја" (Матеј 3:17), меѓутоа, тој бил одлучен да го наведе Христа да се посомнева во тоа сведоштво. Божјата Реч за Христа била уверување за Неговата божествена мисија. Тој дошол да живее како човек меѓу луѓето и овој Глас ја потврдил Неговата врска со Небото. Сатаната сакал во Него да предизвика сомневање во овој Глас. Кога Христовата доверба во Бога би се разнишала, сатаната знаел дека победата во целокупната борба ќе биде негова. Би можел да го победи Христа. Се надевал дека под притисок на очајот и големиот глад, Христос ќе ја изгуби верата во Својот Татко и ќе изврши чудо во Своја корист. Кога би го направил тоа, планот на спасението би бил осуетен. {КВ 119.1}

Кога сатаната и Божјиот Син прв пат се судриле, Христос бил заповедник на небесните војски и сатаната, водачот на бунтот на Небото, бил исфрлен. Сега изгледало како нивните улоги да се променети, па сатаната настојувал што подобро да ја искористи својата привидна предност. Еден од најмоќните ангели - кажува тој - бил истеран од небото. Исусовата појава покажува дека тој е тој паднат ангел, заборавен од Бога, напуштен од луѓето. Едно божествено суштество би било во состојба со некое чудо да го поткрепи своето тврдење: „Ако си Божји Син, нареди им на овие камења да станат лебови". Таквиот чин на творечка моќ му зборувал искушувачот би бил убедлив доказ за божествената природа. Со тоа би била завршена борбата. {КВ 119.2}

Исус не можел без внатрешна борба, со молчење да го слуша архи-измамникот. Меѓутоа, Божјиот Син не требало на сатаната да му ја докажува Својата божествена природа, ниту да ги објаснува причините за Своето понижување. Со попуштање на барањата на бунтовникот нема да се постигне ништо за добро на човекот, ниту за слава на Бога. Кога Христос би го прифатил предлогот на непријателот, сатаната Сепак би можел да каже: „Покажи ми некој знак, па да поверувам дека си Божји Син". Доказот не би бил доволен за да ја уништи силата на бунтот во неговото срце. Христос не требало да ја употреби Својата божествена сила во своја корист. Тој дошол да ги поднесе неволјите, како што и ние мораме да ги поднесуваме и да ни остави пример на вера и покорност. Ниту овде, ниту во кој било друг подоцнежен момент од Својот земен живот Тој не правел чуда заради Себеси. Сите негови чудесни дела имале за цел да бидат за добро на другите. Иако Исус од самиот почеток го препознал сатаната, не сакал да се впушти во расправа со него. Зајакнат од сеќавањето на Гласот од Небото, Тој почивал во љубовта на Својот Татко. Не сакал да преговара со искушувачот. {КВ 119.3}

Исус се спротивставил на сатаната со зборови од Светото Писмо. „Пишано е," рекол Тој. Во секое искушение, оружјето на Неговата борба била Божјата Реч. Сатаната барал од Христа чудо, како знак за Неговото божество. Но она што е поголемо од секое чудо, цврстото надевање во „Така вели Господ," било знак, кој не можел да се оспори. Сè

додека Христос се држел до ова, искушувачот не можел да се здобие со предност. {КВ 120.1}

Христос бил изложен на најжестоки искушенија во моментот кога бил најслаб. Сатаната мислел дека така ќе победи. На тој начин ги победувал луѓето. Луѓето кои долго и храбро се бореле за правда, на крај биле победени, кога силата ги издала и волјата ослабнала и кога нивната вера престанала да се надева во Бога. Мојсеј бил уморен од четириесет годишното талкање на Израел низ пустината, кога за момент го напуштила верата во безграничната сила. Се изморил токму на границата на Ветената Земја. Така било и со Илија, кој бестрашно стоел пред царот Ахав, спротивставувајќи се на целиот израелски народ, на чие чело се наоѓале осумстотини и педесет Валови пророци. По оној страшен ден на Кармил, кога биле убиени лажните пророци и кога народот ја изјавил својата верност кон Бога, Илија, за да го спаси својот живот, побегнал од заканите на Езавела. Така сатаната ги искористувал слабостите на луѓето. Тој и понатаму ќе постапува на тој начин. Секогаш, кога човекот е опкружен со облаци, збунет поради околностите или унесреќен од сиромаштија или немир, сатаната е покрај него да го искушува и да го мачи. Тој ги напаѓа слабите точки на нашиот карактер. Тој се труди да го скрши нашето потпирање на Бога, Кој дозволува да постојат такви прилики. Ние сме искушувани за да немаме доверба во Бога, да се сомневаме во Неговата љубов. Искушувачот често ни приоѓа и нам како што му пристапил на Христа, укажувајќи ни на нашите слабости и пропусти. Тој се труди да ја обесхрабри душата и да ја скрши нашата врска со Бога. Тогаш тој е сигурен во неговиот плен. Ако се спротивставиме на сатаната онака како што го направил тоа Исус, би избегнале многу порази. Ако преговараме со непријателот, ние му даваме предност. {КВ 120.2}

Кога Христос му рекол на искушувачот: „Не живее човекот само од леб, туку од секој збор што излегува од Божјата уста,“ Тој ги повторил зборовите кои пред 1400 години му ги упатил на Израел: „Господ твојот Бог те водеше низ пустината во текот на овие четириесет години... Те понизуваше и со глад те мореше, но пак те хранеше со мана за која не знаеше ни ти ни твоите татковци, да ти покаже дека човекот не живее само од леб, туку од секој збор што излегува од Божјата уста”. (Второзаконие 8:2,3) Во пустината, кога се потрошиле сите резервни продукти, Бог му испраќал мана на Својот народ и тоа во доволно количество и постојано. Тоа е направено за да ги поучи дека Бог нема да ги напушти доколку имаат доверба во Него и доколку одат по Неговите патишта. Спасителот сега практично ја применил поуката што им ја давал на Израелците. Божјата Реч била поддршка упатена на израелскиот народ и со истата Реч била пружена поддршка и на Исуса. Тој го чекал Божјото време кое ќе му донесе олеснување. Тој бил во пустината, покорувајќи му се на Бога и не сакал да дојде до храна, слушајќи ги сугестиите на сатаната. Пред цела вселена Исус посведочил дека е помала несреќа ако човекот страда од што и да е, отколку на каков било начин да отстапи од Божјата волја. {КВ 121.1}

„Не живее човекот само од леб, туку од секој збор што излегува од Божјата уста”. Христовиот следбеник често Доаѓа во положба, каде што не може да му служи на Бога и истовремено да ги остварува своите земни цели. Можеби ќе изгледа дека покорувањето на некои од јасните Божји заповеди му оневозможува на човекот да дојде до средства за живот. Сатаната го наведува на размислување дека мора да ги жртвува своите убедувања на совеста. Меѓутоа, единствено средство на светот во кое можеме да се надеваме е Божјата Реч. „Најнапред барајте го Божјото царство и Неговата праведност, и сето ова ќе ви се додаде”. (Матеј 6:33) Дури ни за овој живот не

е добро ако отстапуваме од волјата на нашиот Небесен Татко. Кога ја знаеме силата на Неговата Реч, тогаш нема да ги прифаќаме предлозите на сатаната за да добиеме храна или да ги спасиме нашите животи. Ние единствено ќе се прашуваме: Што заповеда Бог? Што ветил Тој? Ако правилно одговориме на овие прашања, ние ќе ги послушаме Неговите заповеди и ќе веруваме во Неговите ветувања. {КВ 121.2}

Во последниот голем судир на борбата со сатаната, оние кои се верни на Бога ќе бидат лишени од секаква земна помош. Бидејќи ќе одбијат да го прекршат Божјиот закон покорувајќи се на земните сили, ним ќе им биде забрането да купуваат и продаваат. На крај, со општ декрет ќе бидат осудени на смрт. (Види Откровение 13:11-17) Но, на послушните им е ветено: „Тој ќе живее во висините; засолниште ќе му бидат непристапните карпи. Ќе му се даде леб и неговата вода нема да пресуши". (Исаија 33:16) Божјите деца ќе живеат од ова ветување. Тие ќе бидат нахранети, кога Земјата ќе биде опустена од глад. „Нема да се посрамат за време на неволјата и ќе бидат сити во деновите на глад". (Псалм 37:19) Ова време на неволја го претскажал пророкот Авакум и неговите зборови ја изразуваат верата на црквата: „И покрај тоа што смоквата нема да цути, ниту на лозата ќе има плод; маслинката нема да роди род и полињата нема да дадат храна; овците ќе исчезнат од трлата, во шталите нема да има ниту говеда; Сепак јас ќе се радувам во Господа и ќе се веселам во Бога на моето спасение". (Авакум 3:17,18) {КВ 121.3}

Од сите поуки кои можат да се научат од првото големо искушение на нашиот Господ, ниту една не е позначајна од поуката што се однесува на владеењето над желбите и страстите. Во сите векови, искушенијата на кои е изложена човечката физичка природа најмногу придонесувале за деградација на човечкиот род. Сатаната се труди со помош на неумереноста да ги уништи моралните и духовните сили, кои Бог му ги подарил на човекот како непроценлив дар. Така човекот ја губи способноста да го цени она што има вечна вредност. Преку сетилни уживања, сатаната се труди да ја избрише од душата секоја трага на сличност со Бога. {КВ 122.1}

Неконтролираното угодување и следствено на тоа болестите и деградацијата, кои постоеле при првото Христово доаѓање, повторно ќе постојат со уште поизразено зло пред Неговото второ доаѓање. Христос вели дека светот ќе се наоѓа во иста состојба, како и во деновите пред потопот и како во деновите на Содом и Гомор. Сите мисли на срцето ќе бидат само зли. Сега ние живееме на прагот на тоа страшно време, затоа треба да извлечеме добра поука од Христовиот пост. Злото што потекнува од неконтролираното попуштање на желбите, можеме да го оцениме само според неискажаните маки што ги преживеал Христос. Неговиот пример не учи дека ние можеме да се надеваме во вечен живот само тогаш, кога нашите желби и страсти и ги потчинуваме на Божјата волја. {КВ 122.2}

Невозможно е со сопствени сили да се спротивставиме на барањата на својата паднатa природа. Преку тој канал, сатаната ќе се обидува да не доведе до искушение. Христос знаел дека непријателот ќе се приближи на секое човечко суштество за да ја искористи наследената слабост и со лажни сугестии да ги улови оние чија доверба не се темели на Бога. Поминувајќи по патот низ кој морал да помине човекот, Спасителот го подготвил патот за ние да можеме да победиме. Негова волја не е да се најдеме во неповолна положба во судирот со сатаната. Тој сака да не ја изгубиме храброста пред нападите на змијата. „Не плашете се," вели Тој, „зашто Јас го надвладеав светот". (Јован 16:33) {КВ 122.3}

Секој, кој се бори да ја совлада моќта на апетитот, нека гледа на Спасителот во пустината. Да го погледнеме во Неговата агонија на крстот како извикува: „Жеден сум!“ Тој издржал сè што можеме и ние да поднесеме. Неговата победа е и наша победа. {КВ 123.1}

Исус се надевал во мудроста и силата на Својот небесен Татко. Тој вели: „Господ ми помага и затоа не се посрамив... и знам дека нема да се посрамам... Ете, Господ, Господ ќе ми помогне”. Укажувајќи на Својот сопствен пример, Тој ни вели: „Кој од вас се бои од Господа... Кој оди во мрак, без светлина? Нека се надева во името Господово и нека се потпре врз својот Бог”. (Исаија 50:7-10) {КВ 123.2}

„Се приближува кнезот на овој свет,“ вели Исус, „И во Мене тој нема ништо”. (Јован 14:30) Во Него немало ништо што би одговорило на вештото лукавство на сатаната. Тој не се согласувал на грев. Не им попуштал на искушенијата, дури ни во своите мисли. Така може да биде и со нас. Христовата човечка природа била соединета со божествената; Тој бил подготвен за борба со помош на Светиот Дух, Кој живеел во Него. Тој дошол да не направи учесници во божествената природа. Додека сме соединети со Него преку вера, гревот нема власт над нас. Бог посегнува кон раката на верата во нас за да ја насочи да се фати за Христовото божество, за да постигнеме совршенство на карактерот. {КВ 123.3}

Христос ни покажал како се постигнува тоа. Со што победил Тој во судирот со сатаната? Со Божјата Реч. Само преку Речта можел да се спротивстави на искушението. „Пишано е,“ рекол Тој. И нам ни се дарувани „преголеми и драгоцени ветувања, за преку нив да станеме учесници во божествената природа, ако ја избегнете расипаноста што постои во светот преку похота”. (2. Петрово 1:4) Секое ветување во Божјата Реч ни припаѓа нам. Треба да живееме „од секој збор што излегува од Божјата уста”. Кога ќе надојдат искушенија, не треба да гледаме на околностите или на личната слабост туку на силата на Речта. Целокупната нејзина сила ни припаѓа и нам. „Твојата Реч,“ вели псалмистот, „ја скрив во своето срце за да не грешам против Тебе”. (Псалм 119:11) „Преку Речта од Твоите усни, јас се запазив од патиштата на насилникот”. (Псалм 17:4) {КВ 123.4}

13. ПОБЕДА

Оваа поглавје е засновано на Матеј 4:5-11; Марко 1:12, 13; Лука 4:5-13.

Тогаш сатаната го одведе во Светиот град, го постави на врвот на храмот и му рече: ‘Ако си Син Божји, скокни долу, зашто е напишано’: {КВ 124.1}

'На ангелите свои ќе заповеда за Тебе
И на раце ќе те земат
За да не си ја удриш ногата на камен'". {КВ 124.2}

Сатаната сега претпоставува дека со Исуса се сретнал на Негово тло. Лукавиот непријател сам ги изнесува зборовите што произлегле од Божјата уста. Тој сè уште се појавува како ангел на светлината и истакнува дека е запознаен со Светото Писмо и дека го разбира значењето на она што е напишано. Како што Исус претходно ја користел

Божјата Реч за да ја зацврсти Својата вера, така искушувачот сега ја користи за да ја поткрепи својата измама. Тој тврди дека само ја проверувал Исусовата верност, а сега ја фали Неговата цврстина. Бидејќи Спасителот покажал доверба во Бога, сатаната бара од Него да покаже уште некој друг доказ за Својата вера. {КВ 124.3}

Меѓутоа, на искушението повторно му претходи навестување на недоверба: „Ако си Син Божји". Христос е искушуван да одговори на „ако", но Тој се воздржал и од најмало прифаќање на сомнежот. Тој не сакал да го изложи Својот живот на опасност, за да му даде доказ на сатаната. {КВ 124.4}

Искушувачот повторно се обидел да ја искористи Христовата човечка природа и да го наведе на претпоставка. Меѓутоа, иако сатаната може да сугерира, тој не може да не принуди на грев. Тој му рекол на Исуса: „Скокни долу," знаејќи дека не може да го фрли долу, зашто Бог би се вмешал да го спаси. Ниту сатаната можел да го принуди Исуса сам да се фрли. Христос можел да биде победен, само ако би се согласил на искушение. Ниту сета сила на Земјата или пеколот не можела да го принуди и во најмала мера да се одвои од волјата на Својот Татко. {КВ 125.1}

Искушувачот никогаш не може да не принуди да правиме зло. Тој не може да владее со умот, освен ако човекот не се потчини на неговата власт. Дури кога волјата ќе се согласи, кога верата ќе се откаже од својата доверба во Христа, сатаната може да стекне власт над нас. Со секоја грешна желба што ја негуваме ние му го отстапуваме теренот. Секоја точка во која не го задоволуваме божественото мерило претставува отворена врата низ која тој може да влезе за да не искушува и уништи. Секој наш пропуст или пораз му пружаат можност да му приговара на Христа. {КВ 125.3}

Кога сатаната го цитирал ветувањето: „На ангелите свои ќе заповеда за Тебе," ги изоставил зборовите „да те чуваат на сите Твои патишта," т.е. на сите патишта што ги избрал Бог. Исус одбил да скршне од патеката на послушноста. Манифестирајќи совршена доверба кон Својот Татко, Тој не сакал непотребно да се доведе Себеси во положба во која би морал да се вмеша Неговиот Татко за да го спаси од смрт. Не сакал да го принудува Провидението да му помогне и со тоа да пропушти на луѓето да им покаже пример на доверба и покорност. Исус му рекол на сатаната: „Пишано е повторно: 'Немој да го искушуваш Господ, твојот Бог'". Овие зборови им ги изговорил Мојсеј на синовите Израелеви, кога биле жедни во пустината и барале Мојсеј да им даде вода, извикувајќи: „Дали е Господ меѓу нас или не е?" (Излез 17:7) Господ за нив направил толку чуда, но сега во неволја тие се посомневале во Него и барале доказ дека е со нив. Во своето неверие сакале да го искушуваат. И сатаната го наведувал Христа да постапува исто така. Бог веќе посведочил дека Исус е Негов Син; да се бара сега доказ дека е Божји Син, би значело Божјата Реч да се става на испит да се искушува. Исто би било, кога би се барало нешто што Бог не го ветил. Со тоа би се манифестирала недоверба, а тоа би значело испитување или искушување. Не треба да ги упатуваме своите молби на Бога за да ни докаже дали ќе ја исполни Својата Реч, туку затоа што ќе ја исполни; не за да ни докаже дека не љуби, туку затоа што не љуби. „Без вера не е можно да му се угоди на Бога, зашто оној, кој Доаѓа кај Бога, треба да верува дека Бог постои и дека ги наградува оние кои вредно го бараат". (Евреите 11:6) {КВ 125.4}

Меѓутоа, верата нема никаква врска со претпоставката. Само оној што поседува вистинска вера е заштитен од претпоставка. Претпоставката е сатански фалсификат на верата. Верата полага право на Божјите ветувања и донесува род во послушноста. Претпоставката, исто така полага право на ветувањата, но ги користи како што правел сатаната за да се правдаат престапите. Верата би ги навела нашите прародители да

имаат доверба во Божјата љубов и да се покоруваат на Неговите заповеди. Претпоставката ги навела да го престапат Неговиот закон, верувајќи дека Неговата голема љубов ќе ги спаси од последиците на нивниот грев. Да се полага право на наклонетоста на Небото, а да не се исполнуваат условите под кои се дарува милоста тоа не е вера. Вистинската вера има своја основа во ветувањата и во сè она што ни го даваат Писмата. {КВ 126.1}

Сатаната, честопати не успева да предизвика во нас недоверба, па затоа не наведува на претпоставка. Ако може да не наведе непотребно да се изложуваме на искушенија, тогаш знае дека победата ќе му припадне нему. Бог ќе ги сочува сите што одат по патеката на послушноста; но да се скршне од неа, значи да се премине на теренот на сатаната. Тогаш сигурно ќе паднеме. Спасителот ни наложил: „Бдејте и молете се, за да не паднете во искушение". (Марко 14:38) Размислувањето и молитвата ќе не сочуваат да не скршнуваме непотребно кон патот на опасноста и така ќе бидеме сочувани од многу порази. {КВ 126.2}

Сепак, не треба да губиме храброст, ако бидеме изложени на искушение. Честопати, кога ќе се најдеме во некоја тешка околност се сомневаме дека Божјиот Дух не води. Меѓутоа, Духот бил Тој, Кој го водел и Исуса во пустината за да биде искушуван од сатаната. Кога Бог не доведува на проба, Тој со тоа сака да постигне нешто за наше добро. Исус не се дрзнал на Божјите ветувања со тоа што своеволно пошол во искушенија, ниту паднал во очај, кога се нашол во искушение. Така треба да се поставиме и ние. „Верен е Бог и нема да дозволи да бидете искушувани над вашите сили, туку заедно со искушението ќе ви даде и излез, за да можете да го поднесете". (1. Коринтјаните 10:13) Тој вели: „Принеси му на Бога жртва благодарна и исполни му ги на Севишниот своите завети! И повикај ме во денот на тегоба: Јас ќе те ослободам, а ти ќе ме прославиш". (Псалм 50:14,15) {КВ 126.3}

Исус бил победник и во второто искушение и сега сатаната го покажува својот вистински карактер. Меѓутоа, тој не се појавува како некое страшно чудовиште со канџи на нозете и со крилја како лилјак. Иако е паднат, тој е моќен ангел. Тој се смета себеси за водач на бунтот и за бог на овој свет. {КВ 129.1}

Откако го поставил Исуса на една висока планина, сатаната, на живописен начин, ги прикажал пред Него царствата на овој свет. Сонцето ги осветлувало градовите со храмовите, мермерните палати, плодните полиња и лозјата со богат род. Трагите на злото биле скриени. Исусовите очи, кои пред малку почивале на мрачнина и пустош, сега набљудувале една глетка на недостижна убавина и напредок. Тогаш се слушнал гласот на искушувачот: „Тебе ќе ти ја дадам сета власт над нив и славата што им припаѓа, зашто мене ми е предадена и јас му ја давам на кого што сакам. Ако ми се поклониш сето тоа ќе биде Твое". {КВ 129.2}

Христовата мисија можела да се оствари само со страдање. Пред Него се наоѓал живот на тага, неволји, судири и на една срамна смрт. Морал да ги понесе гревовите на целиот свет. Морал да се одвои од љубовта на Својот Татко. Сега искушувачот му понудил да му ја предаде власта што насилно ја грабнал. Признавајќи ја врховната власт на сатаната, Христос можел да ја избегне страшната иднина. Но, да се направи тоа, би значело да се откаже од победата во големата борба. Сатаната згрешил на Небото, бидејќи сакал да се издигне над Божјиот Син. Кога сега би надвладеал, тоа би значело победа на бунтот. {КВ 129.3}

Кога сатаната му кажал на Христа дека царството и славата на овој свет му се предадени нему и дека ќе му ги даде на оној што сака, тој само делумно ја кажал

вистината и тоа само затоа што со тоа сакал да ја постигне својата намера да измами. Сатаната го грабнал своето царство од Адама, но Адам бил намесник на Творецот. Тој не бил независен владетел. Земјата му припаѓа на Бога, а Тој се му доверил на Својот Син. Адам требало да владее во потчинетост на Христа. Кога Адам ја предал својата власт во рацете на сатаната, Сепак Христос останал законски Цар. Така Господ му рекол на царот Навуходоносор: „Севишниот има власт над човечкото царство и Тој му го дава на кого што сака". (Даниел 4:17) Сатаната може да ја спроведува својата узурпирана власт, само доколку Бог му го дозволи тоа. {КВ 129.4}

Кога искушувачот му ги понудил на Христа царството и славата на овој свет, предложил Христос да се откаже од божественото право над светот и да владее потчинет на сатаната. Тоа било истото она царство во кое Евреите ги полагале своите надежи. Тие сакале царство на овој свет. Доколку Христос се согласил да им понуди такво царство, тие би го прифатиле со задоволство. Меѓутоа, врз тоа царство почивало проклетството на гревот со сите страдања. Христос му изјавил на искушувачот: „Бегај од мене, сатано, зашто е пишано: Поклони му се на Својот Господ Бог и единствено Нему служи му". {КВ 130.1}

Оној што се побунил на Небото, му го понудил на Христа царството на овој свет, за да го купи Неговото поклонение кон начелата на злото, но Тој не дозволил да се поткупи; Тој дошол да основа царство на праведност и не сакал да се откаже од Својата намера. Со ова исто искушение сатаната им приоѓа и на луѓето и со нив има повеќе успех отколку со Христа. Тој им го нуди на луѓето царството на овој свет под услов да ја признаат неговата врховна власт. Бара да ја жртвуваат чесноста, да се откажат од совеста, да и попуштат на себичноста. Христос ги повикува најнапред да го бараат Божјото царство и Неговата праведност, но сатаната им се приближува на луѓето и им шепоти: „Што и да е вистина во врска со вечниот живот, морате да ми служите мене за да имате успех во овој свет. Вашата среќа е во мои раце. Јас можам да подарам богатство, задоволство, чест и среќа. Послушајте го мојот совет. Не дозволувајте да ве занесат некакви необични сфаќања за чесноста и самопожртвуваноста. Јас ќе го подготвам патот пред тебе". Така измамил многу луѓе. Тие се согласуваат да живеат за да си служат себеси и сатаната е задоволен. Заведувајќи ги луѓето да копнеат по власт, тој стекнува власт над нивните души. Но, тој го нуди она што не му припаѓа нему, што не е во состојба да го подари и што наскоро ќе биде одземено од него. Во замена за тоа, тој со измама им го одзема на луѓето нивното право на наследството на Божјите синови. {КВ 130.2}

Сатаната поставил прашање дали Исус е Божји Син. Во зборовите со кои на сатаната му било кажано да замине имало доказ кој тој не можел да го негира. Божеството блеснало низ напатената човечка природа. Сатаната немал сила да се спротивстави на заповедта. Грчејќи се од понижување и бес, морал да се повлече од присуството на Откупителот на светот. Како што Адамовиот пад бил целосен, така сега била целосна Христовата победа. {КВ 130.3}

Така и ние можеме да се спротивставиме на искушенијата и да го принудиме сатаната да не напушти. Исус извојувал победа со покорност и вера во Бога и Тој ни зборува преку апостолот: „Покорете му се на Бога, а противете му се на ѓаволот и тој ќе побегне од вас". (Јаков 4:7,8) Ние сами не можеме со сопствени сили да се спасиме од силата на искушувачот; тој го освоил човештвото и ако се обидеме да му се спротивставиме со сопствени сили, ќе станеме плен на неговото лукавство; но „името Господово е цврста купа; кај Него прибегнува праведникот и наоѓа засолниште".

(Изреки 8:10) Сатаната трепери и бега од најслабата душа, која наоѓа прибежиште во тоа силно име. {КВ 130.4}

Кога непријателот се оддалечил, Исус, смртно блед и исцрпен, паднал на земјата. Небесните ангели ја набљудувале оваа борба и виделе како нивниот љубен Заповедник минува низ неискажливи страдања, за нам да ни го отвори патот за бегство. Тој издржал потешки и поголеми искушенија од која било проба, која ние мораме да ја издржиме. Тогаш ангелите му служеле на Божјиот Син, додека лежел како некој кој умира. Го закрепнале со храна и го утешиле со веста за љубовта на Неговиот Татко и со уверувањето дека целото Небо ја прославува Неговата победа. Враќајќи се во живот, Неговото срце било исполнето со симпатии кон човекот и Тој пошол да го доврши делото што го започнал, и нема да се одмори сè додека непријателот не биде победен и паднатиот човечки род откупен. {КВ 131.1}

Цената на нашето откупување нема да се сфати сè додека откупените не застанат со својот Откупител пред Божјиот престол. Тогаш, кога славата на вечниот дом ќе засветли пред нашите восхитени сетила, ќе се сетиме дека Исус го напуштил сето тоа заради нас, дека не само што станал изгнаник од небесните дворови, туку поради нас се изложил на опасноста да доживее неуспех и вечна загуба. Тогаш ќе ги положиме своите круни пред Неговите нозе и ќе запееме: „Достојно е Јагнето, Кое беше заклано да прими моќ, богатство, сила, чест, слава и благослов". (Откровение 5:12) {КВ 131.2}

14. „НИЕ ГО НАЈДОВМЕ МЕСИЈАТА"

Оваа поглавје е засновано на Јован 1:19-51.

Јован Крстителот проповедал и крштевал во Витавара, од другата страна на реката Јордан. Тоа било недалеку од она место, каде што Бог го запрел текот на реката додека Израел не преминал од другата страна на брегот. Недалеку оттаму се наоѓала тврдината Ерихон, која при освојувањето била урната од страна на небесните војски. Сега оживеало сеќавањето на тие настани и се придал длабок интерес за веста на Крстителот. Нема ли Оној, Кој во минатите векови правел толку чуда, повторно да ја покаже Својата сила за ослободување на Израел? Таквата мисла ги возбудила срцата на луѓето, кои секојдневно се собирале на брегот на Јордан. {КВ 132.1}

Јовановото проповедање оставило длабок впечаток на народот, па тоа го предизвикало вниманието на еврејските поглавари. Плашејќи се од бунт, Римјаните со сомнеж гледале на секое собирање на народот, а сè што укажало на организирање на народот, предизвикувало страв кај еврејските поглавари. Јован не ја признал власта на Синедрионот и не барал одобрение за својата работа; ги укорувал и старешините и народот, фарисеите и садукеите. Сепак народот срдечно го следел. Интересот за неговото дело станувал сè поголем и поголем. Иако не им укажувал почит, луѓето во Синедрионот сметале дека тој, како јавен учител, се наоѓа под нивна надлежност. {КВ 132.2}

Ова тело го сочинувале членови бирани од свештенството, од врховните поглавари и од народните учители. Првосвештеникот вообичаено бил претседател. Сите членови морале да бидат позрели луѓе, иако не и стари, луѓе, кои не само што ја познавале еврејската вера и историја, туку и луѓе со општо знаење. Морале да бидат без телесни

мани, женети и татковци, бидејќи се верувало дека така ќе бидат похумани и поблагородни од другите. Се состанувале во една просторија поврзана со Ерусалимскиот храм. За време на еврејската независност, Синедрионот бил највисок народен суд со световна и црковна власт. Иако сега потчинет на римските намесници, Синедрионот сè уште имал силно влијание врз граѓанските и верските работи. {КВ 133.1}

Синедрионот не можел да ја одложи истрагата за Јовановата работа. Имало луѓе кои се сеќавале на откровенијата дадени на Захарија во храмот и на пророштвото на татко му, кое кажувало дека неговото дете ќе биде гласник на Месијата. Тоа било заборавено во нередите и промените кои се случиле во текот на изминатите триесет години. Сега повторно оживеало во сеќавањето, заради возбудувањето предизвикано со Јовановата работа. {КВ 133.2}

Минало многу време откако Израел немал пророк, одамна немало таква реформа, каква што се забележувала сега. Барањето да се признае гревот изгледало како ново и возбудливо. Многу водачи не сакале да одат да ги слушаат Јовановите повици и осудувања, за да не бидат наведени да ги разоткријат тајните на сопствениот живот. Сепак, неговото проповедање било непосредно објавување на Месијата. Било добро познато дека речиси навршиле седумдесетте седмици од Даниеловото пророштво во врска со доаѓањето на Месијата и сите силно копнееле да имаат удел во ерата на националната слава, која тогаш била очекувана. Воодушевувањето на народот било толкаво, што Синедрионот набргу бил принуден или да го одобри или да го отфрли Јовановото дело. Неговата власт над народот веќе била ослабната. Станало сериозно прашањето како ќе ги сочува своите позиции. Во надеж дека ќе дојдат до некој заклучок, тие му испратиле на Јован една делегација од свештеници и Левити да поразговараат со новиот учител. {КВ 133.3}

Кога делегатите се приближиле, собраното мноштво ги слушало Јовановите зборови. Горделивите рабини се приближиле со авторитет чија цел била да остави впечаток на народот и да го поттикне пророкот на покорност. Со почит, речиси со страв, мноштвото народ им направило пат. Угледните луѓе во своите раскошни облеки, горделиви поради својата положба и власт, стоеле пред пророкот од пустината. {КВ 133.4}

„Кој си ти?“ рекле тие барајќи одговор. {КВ 134.1}

Знаејќи што мислат, Јован одговорил: „Јас не сум Христос”. {КВ 134.2}

„Тогаш кој? Дали си Илија?“ {КВ 134.3}

„Не сум”. {КВ 134.4}

„Дали си тој пророк?“ {КВ 134.5}

„Не”. {КВ 134.6}

„Кој си? Да можеме да им кажеме на оние што не испратија? Што велиш ти за себе?“ {КВ 134.7}

„Јас сум глас на оној што вика во пустината, израмнете го патот Господов, како што кажа пророкот Исаија”. {КВ 134.8}

Библискиот текст што Јован го споменал овде се однесувал на она прекрасно пророштво на Исаија: „Тешете го, тешете го мојот народ, вели вашиот Бог. Зборувајте му утешно на Ерусалим, јавете му дека неговото одредено време е завршено, дека му е простено беззаконието... Гласот на оној, кој вика во пустината зборува: ‘Подгответе го патот на Господа, израмнете му ја на нашиот Бог патеката во пустелијата. Нека се издигнат сите долини и нека се спуштат сите брегови и гори. Нека се израмни што е

нерамно и стрмнините нека станат рамни. Тогаш ќе се открие славата Господова и ќе ја види секое тело'". (Исаија 40:1-5) {КВ 134.9}

Во старо време, кога некој цар патувал низ зафрлените делови на своето царство, една група луѓе оделе пред царските кочии за да ги израмнат стрмните места и да ги пополнат длабнатините за царот да може да патува без опасност и без пречки. Овој обичај го искористил пророкот за сликовито да го прикаже евангелското дело. „Сите долини нека се издигнат и нека се спуштат сите брегови и гори". Кога Божјиот Дух со Својата чудесна и разбудувачка сила ќе ја допре душата, тогаш се спушта човечката горделивост. Тогаш световните задоволства, положбата и власта стануваат безвредни. „Мудрувањата и секое превознесување што се дига против познавањето за Бога" се отфрлаат, а секоја помисла се заробува „за покорност на Христа". (2. Коринтјаните 10:5) Тогаш понизноста и пожртвуваната љубов, кои толку малку се ценат кај луѓето, се издигнуваат како единствена вредност. Тоа е задача на евангелието, а Јовановата вест била еден дел од тоа. {КВ 135.1}

Рабините продолжиле со своето испрашување: „Тогаш зошто крштеваш, кога не си ни Христос, ни Илија, ниту тој пророк?" Зборовите „тој пророк" се однесувале на Мојсеј. Евреите биле склони да веруваат дека Мојсеј ќе воскресне и дека ќе биде земен на Небото. Не знаеле дека Мојсеј веќе воскреснал. Кога Крстителот го започнал своето дело, многумина мислеле дека тој можеби е пророкот Мојсеј, кој воскреснал од мртвите, бидејќи толку добро ги познавал пророштвата и историјата на Израел. {КВ 135.2}

Исто така се верувало дека Илија лично ќе се појави пред доаѓањето на Месијата. Ова очекување Јован го негирал, но неговите зборови имале подлабока смисла. Подоцна, повикувајќи се на Јована, Исус рекол: „Ако сакате да примите, тој е Илија, кој треба да дојде". (Матеј 11:14) Јован дошол во дух и во сила на Илија за да ја изврши истата задача што ја извршил Илија. Кога Евреите би го примиле, таа би била извршена за нив. Меѓутоа, тие не ја прифатиле неговата вест. За нив Јован не бил Илија. За нив тој не можел да ја исполни мисијата заради која дошол. {КВ 135.3}

Многумина од оние кои биле собрани на Јордан присуствувале на Исусовото крштевање, но само неколкумина меѓу нив го забележале знакот, кој тогаш бил даден. Во текот на претходните месеци од Јовановата мисија многумина одбиле да го послушаат повикот на покајание. Тоа направило нивните срца да станат тврди, а нивниот разум замрачен. Кога Небото сведочело за Исуса при Неговото крштевање, тие не го забележале тоа. Очите, кои никогаш не биле вперени во Оној, Кој е невидлив не го согледале откровението на Божјата слава; ушите, кои никогаш не го слушале Неговиот глас, не ги слушнале зборовите на сведоштво. Така е и денес. Често Христовото присуство и присуството на ангелите што служат се открива на собирите на луѓето, а многумина не го знаат тоа. Тие не забележуваат ништо необично. Меѓутоа, има и такви на кои им е откриено Спасителовото присуство. Нивните срца ги оживуваат мир и радост. Тие се утешени, охрабрени и благословени. {КВ 136.1}

Пратениците од Ерусалим го прашале Јован: „Зошто крштеваш?"; и го чекале неговиот одговор. Одненадеж, додека со поглед поминувал низ мноштвото, неговите очи пламнале, неговото лице засветлело, а целото негово битие го проникнало длабоко чувство. Со испружени раце, Тој извикал: „Јас крштавам со вода, а меѓу вас стои Еден, Кого вие не го познавате. Тоа е Оној што Доаѓа по мене. Јас не сум достоен да му ги одврзам ниту врвците на обувките". (Јован 1:26, 27) {КВ 136.2}

Веста што требало да му ја однесат на Синедрионот била јасна и недвосмислена. Јовановите зборови не можеле да се однесуваат на никој друг освен на Оној, Кој одамна бил ветен. Месијата се наоѓал меѓу нив! Изненадени, свештениците и поглаварите гледале околу себе со надеж дека ќе го откријат Оној, за Кого Јован зборува. Меѓутоа, во мноштвото не било возможно Тој да се забележи. {КВ 136.3}

Кога при крштевањето на Исус, Јован укажувал на Него како на Божјо Јагне, била фрлена нова светлина врз работата на Месијата. Мислите на пророкот биле насочени кон зборовите на Исаија: „Го одведоа како јагне на колење". (Исаија 53:7) Во текот на следните седмици, Јован со нов интерес ги проучувал пророштвата и учењето за жртвената служба. Тој не ги разликувал јасно двете фази на Христовото дело во својство на напатена жртва и во својство на победоносен цар, но видел дека Неговото доаѓање има подлабоко значење од она што го сфатиле свештениците или народот. Кога во толпата го забележал Исуса при Неговото враќање од пустината, со доверба очекувал дека Тој ќе му даде на народот некој знак за Својот вистински карактер. Речиси нетрпеливо чекал Спасителот да ја објави Својата мисија, но ниту еден збор не бил изговорен, никаков знак не бил даден. Исус не одговорил на зборовите со кои го објавил Крстителот, туку се повлекол меѓу Јовановите ученици, не давајќи никаков надворешен знак за Својата посебна задача и не презел никакви мерки со што би го свртел вниманието на Себе. {КВ 136.4}

Следниот ден Јован повторно го видел Исуса како Доаѓа. Додека Светлината на Божјата слава почивала на Него, пророкот ги испружил своите раце и извикал: „Еве го Божјото Јагне, Кое ги зема на Себе гревовите на светот. Ова е Оној за Кого ви реков: 'По мене Доаѓа човек кој беше пред мене..'. Јас не го познавав. Но затоа дојдов да крштевам со вода за Тој да биде објавен на Израел... Го видов Духот, како слезе од Небото како гулаб и остана над Него. Јас не го познавав, но Оној што ме прати да крштевам со вода ми рече: 'На кого ќе видиш да слегува Светиот Дух и останува на Него, тоа е Оној што крштева со Свети Дух'. И јас го видов тоа и сведочам дека Тој е Божји Син". (Јован 1:29-34) {КВ 137.1}

Дали е тоа Христос? Со стравопочитување и чудење народот го набљудувал Оној, за Кого било кажано дека е Божји Син. Јовановите зборови длабоко го трогнале народот. Тој им зборувал во Божјо име. Тие од ден на ден го слушале како ги осудува нивните гревови и секој ден се зацврстувало уверувањето дека е испратен од Небото. Но, Кој бил Тој, Кој бил поголем од Јован Крстителот? Во Неговото скромно однесување и облекување немало ништо што би укажувало на Неговата возвишена положба. Тој навидум бил обичен човек, облечен како и тие во скромна сиромашна облека. {КВ 137.2}

Во мноштвото се наоѓале и некои луѓе, кои при Христовото крштевање ја здогледале божествената слава и го слушнале Божјиот глас. Меѓутоа, Спасителовиот изглед многу се променил од тоа време. При крштевањето тие го виделе Неговото лице преобразено во светлината од Небото, а сега блед, исцрпен и слаб, бил препознаен само од пророкот Јован. {КВ 137.3}

Набљудувајќи го одблизу, народот видел лице на кое се одразувало божественото сочувство, помешано со свесност за поседување сила. Секој поглед на окото, секоја црта на лицето била одбележена со понизност и изразувало неискажлива љубов. Се чинело дека е опкружен со атмосфера на духовно влијание. Иако во однесувањето бил скромен и не се наметнувал, оставал впечаток на сила која била скриена, но не можела целосно да се сокрие. Дали тоа бил Оној, Кој Израел толку долго го чекал? {КВ 137.4}

Исус дошол во сиромаштија и понизност, за да биде наш пример и наш Откупител. Како би можел да ги учи луѓето на понизност ако се појавил во царски сјај? Како би можел да изнесува толку остри вистини како што била беседата на гората? Што би било со надежта на скромните во животот доколку Тој дошол на овој свет како Цар? {КВ 138.1}

Меѓутоа, на присутните им изгледало невозможно Оној, Кого Јован го означил, да биде поврзан со нивните возвишени очекувања. Затоа многумина биле разочарани и многу збунети. {КВ 138.2}

Зборовите што свештениците и рабините сакале да ги слушнат дека Исус сега ќе го обнови царството на Израел не биле изговорени. За таков цар тие чекале и бдееле и таков цар биле подготвени да прифатат. Но Оној, Кој сакал да го основа Своето царство на праведност и мир во нивното срце, тие не сакале да го примат. {КВ 138.3}

Следниот ден, додека двајца ученици стоеле во близина, Јован повторно го здогледал Исуса меѓу луѓето. Славата на Невидливиот повторно го осветлила лицето на пророкот и тој извикал: „Еве го Божјото Јагне!“ Овие зборови, иако не биле целосно сфатени, ги возбудиле срцата на учениците. Што значело името што Јован му го дал „Божјо Јагне?“ Ниту самиот Јован не го објаснил тоа. {КВ 138.4}

Напуштајќи го Јован, тие го побарале Исуса. Едниот од нив бил Андреј, Симоновиот брат, а другиот евангелистот Јован. Тие биле првите Христови ученици. Поттикнати од еден неодолив нагон, тие тргнале по Исуса желни да зборуваат со Него, но Сепак полни со стравопочитување и без зборови, потонати во извонредното значење на мислите: „Дали е тоа Месијата?“ {КВ 138.5}

Исус знаел дека учениците го следеле. Тие биле први плодови на Неговата служба и срцето на божествениот Учител било среќно, затоа што тие души се одзвале на Неговата благодат. Сепак, свртувајќи се кон нив, Тој ги прашал: „Што барате?“ Сакал сами да одлучат дали ќе се вратат или ќе ја изговорат својата желба. {КВ 138.6}

Тие биле свесни само за една желба. Нивните мисли ги исполнувало Неговото присуство. Тие извикале: „Рави,... каде живееш?“ Во краткиот разговор крај патот не можеле да го примат она по што копнееле. Сакале да бидат насамо со Исуса, да седат крај Неговите нозе и да ги слушаат Неговите зборови. {КВ 138.7}

„Тој им рече: ‘дојдете и видете’. И Отидоа да видат каде живее и останаа кај Него тој ден”. {КВ 139.1}

Кога Јован и Андреј би имале неверлив дух како свештениците и поглаварите, не би се нашле како ученици покрај Исусовите нозе. Би му пристапиле како критичари, за да ги судат Неговите зборови. Многумина така ја затвораат вратата на најскапоцените прилики. Меѓутоа, овие први ученици не постапиле така. Тие одговориле на повикот на Светиот Дух, упатен преку проповедањето на Јован Крстителот. Сега го препознале гласот на небесниот Учител. Исусовите зборови за нив биле полни со свежина, вистина и убавина. Учењето на списите од Стариот Завет било осветлено со божествена светлина. Повеќекратните теми на вистината се појавиле во нова светлина. {КВ 139.2}

Понизноста, верата и љубовта ја оспособуваат душата да ја прими мудроста од Небото. Верата, која работи преку љубовта е клучот на знаењето и секој, кој љуби „го познава Бога”. (1. Јованово 4:7) {КВ 139.3}

Ученикот Јован бил човек со срдечни и длабоки чувства, ревносен, но мисловен. Тој почнал да ја препознава Христовата слава - не световниот раскош и сила, како што го учеле да се надева, туку „славата што ја има како Единороден од Таткото - полн со

благодат и вистина”. (Јован 1:14) Тој длабоко размислувал за оваа прекрасна тема. {КВ 139.4}

Андреј сакал и на другите да им ја пренесе радоста, која го исполнувала неговото срце. Барајќи го својот брат Симон, тој извикал: „Ние го најдовме Месијата”. Симон не чекал друг повик. И тој го слушнал проповедањето на Јован Крстителот, па побрзал кај Спасителот. Христовиот поглед почивал врз него, читајќи го неговиот карактер и историјата на неговиот живот. Неговата избувлива природа, неговото срце полно со љубов и чувства, неговите амбиции и самодоверба, историјата на неговиот пад, неговото покајание, неговата работа и неговата маченичка смрт сето тоа Спасителот го прочитал, па рекол: „Ти си Симон, син Јонин; ти ќе се наречеш Кифа, што значи камен”. {КВ 139.5}

„На другиот ден Исус посака да оди во Галилеја и го најде Филипа, па му рече: Тргни по мене!“ Филип го послушал налогот и веднаш станал Христов работник. {КВ 139.6}

Филип го повикал Натанаил. Тој се наоѓал во толпата, кога Крстителот укажал на Исуса како на Божјо Јагне. Гледајќи го Исуса, Натанаил се разочарал. Може ли тој Човек, Кој носел знаци на макотрпна работа и сиромаштија, да биде Месијата? Меѓутоа, Натанаил не можел да го отфрли Исуса, зашто веста на Јован донела увереност за неговото срце. {КВ 139.7}

Во времето кога Филип го повикал, Натанаил се наоѓал во една тивка шумичка, задлабочен во мислите за објавата на Јован и за пророштвата што се однесувале на Месијата. Тој се молел да му се открие дали Оној, Кого Јован го најавува е навистина Избавителот, и Божјиот Дух се излеал врз него, осведочувајќи го дека Бог го посетил Својот народ и дека за него подигнал рог на спасение. Филип знаел дека неговиот пријател ги проучува пророштвата и го пронашол додека овој се молел под смоквата. Скриени меѓу лисјата, тие често се молеле на тоа осамено место. {КВ 140.1}

Веста „Го најдовме Оној, за Кого Мојсеј напишал во Законот, а исто така и пророците,“ на Натанаил му се сторила како непосреден одговор на неговата молитва. Меѓутоа, верата на Филип сè уште била колеблива. Со сомневање, тој додал: „Исус од Назарет, синот на Јосиф”. Во срцето на Натанаил повторно се појавиле предрасуди и тој извикал: „Може ли нешто добро да излезе од Назарет?“ {КВ 140.2}

Филип не се впуштал во расправа. Тој рекол: „Дојди и види. И Исус го виде Натанаила како му се приближува и рече за него: Еве вистински Израелец во кого нема лукавство”. Изненаден, Натанаил извикал: „Од каде ме познаваш? Исус му одговори и рече: Пред да те повика Филип те видов, кога беше под смоквата”. {КВ 140.3}

Тоа било доволно. Божествениот Дух, Кој му дал сведоштво на Натанаил додека сам се молел под смоквата, сега му зборувал преку Исуса. Иако се сомневал и им попуштал на своите предрасуди, Натанаил дошол кај Исуса со искрена желба за вистината и сега неговата желба била исполнета. Неговата вера била поголема од верата на човекот што го довел кај Исуса. Тој одговорил и рекол: „Рави, ти си Син Божји, ти си цар Израелев”. {КВ 140.4}

Кога Натанаил би се доверил на рабините за водство, никогаш не би го пронашол Исуса. Гледајќи и расудувајќи самостојно, тој станал Христов ученик. Така е и денес со многумина на кои предрасудите не им даваат да го прифатат она што е добро. Колку би бил поинаков резултатот кога тие би „дошле и би виделе”. {КВ 140.5}

Сè додека луѓето имаат доверба во водството на човечки авторитет, никогаш нема да дојдат до спасоносно сознание за вистината. Како Натанаил, треба самостојно да ја проучуваме Божјата Реч и да се молиме за просветлување на Светиот Дух. Ангелите од

светот на светлината се близу оние, кои во понизност бараат божествено водство. {КВ 141.1}

Со повикување на Јован, Андреј, Симон, на Филип и Натанаил започнало основањето на христијанската црква. Јован му посочил двајца од своите ученици на Христа. Тогаш еден од нив, Андреј, го нашол својот брат и го повикал кај Спасителот. Потоа бил повикан Филип и тој отишол да го побара Натанаила. Тие примери треба да не поучат за значењето на личниот напор, да им упатуваме непосредни повици на своите роднини, пријатели и соседи. Има луѓе, кои целиот свој живот тврдат дека го познаваат Христа, но никогаш не преземале ниту еден личен напор да доведат барем една душа кај Спасителот. Тие им ја препуштаат целата работа на проповедниците. Тој може да е доста квалификуван за својот повик, но не може да го направи она што Бог им го препуштил на членовите на црквата. {КВ 141.2}

На многумина им е потребна помош од христијаните, чие срце е полно со љубов. Многумина пропаднале, кои можеле да бидат спасени, доколку нивните соседи, обични мажи и жени, лично би се потрудиле околу нив. Многумина чекаат некој лично да им се обрати. Во семејството, во соседството, во местото каде што живееме насекаде постои работа, која треба да ја извршиме како мисионери за Христа. Ако сме христијани, таа работа ќе ни биде уживање. Веднаш штом некој е обратен, во него се раѓа желба на другите да им каже каков драгоцен пријател пронашол во Исуса. Спасоносната вистина која посветува, не може да биде затворена во неговото срце. {КВ 141.3}

Сите што ќе се посветат на Бога стануваат канали на светлината. Бог ги прави Свои помошници, за да им ги соопштат на другите богатствата на Неговата благодат. Неговото ветување е: „Нив и се околу Мојата гора ќе ги сторам благослов и ќе им дадам дожд навреме и тоа ќе биде дожд на благослови”. (Езекиел 34:26) {КВ 141.4}

Филип му рекол на Натанаил: „Дојди и види !“ Тој не барал од него да прифати туѓо сведоштво, туку лично да го види Христа. Сега, кога Исус се вознел на небото, Неговите ученици се Негови претставници меѓу луѓето, а еден од најуспешните начини душите да се придобијат за Него е во нашиот секојдневен живот да го манифестираме Неговиот карактер. Нашето влијание врз другите не зависи толку од она што го зборуваме, колку од тоа какви сме. Луѓето можат да ја негираат и отфрлаат нашата логика, можат да се спротивставуваат на нашите повици, но животот посветен на несебичната љубов претставува аргумент, кој не може да се негира. Доследниот живот, обележан со Христовата кротост, претставува сила во светот. {КВ 141.5}

Христовото учење било израз на внатрешното уверување и искуство и оние кои учеле од Него, станале учители според божествениот пример. Божјата Реч, изговорена преку оној, кој и самиот е посветен преку неа, има животворна сила што ја прави привлечна за слушателите и тие стекнуваат убедување дека тоа е жива реалност. Ако ја прими љубовта кон вистината, човекот го манифестира тоа во убедливоста на своето држење и во тонот на својот глас. Тој го објавува она што и самиот го слушнал, видел и опипал за зборовите на животот, за и другите да имаат заедница со него преку познавањето на Христа. Неговото сведоштво, кое произлегува од усните допрени со жив јаглен од олтарот е вистина за приемчивото срце, и таа го посветува карактерот. {КВ 142.1}

Оној што настојува Светлината да се пренесе на другите и самиот ќе биде благословен. Тоа ќе биде дожд на благослови”. „Кој напојува, самиот ќе биде напоен”. (Изреки 11:25) Бог би можел да ја постигне Својата цел и да го спаси грешникот без

наша помош; меѓутоа, ние мораме да учествуваме во Неговото дело, за да стекнеме карактер сличен на Христовиот. За да учествуваме во Неговата радост во радоста да ги видиме душите спасени преку Неговата жртва, мораме да учествуваме во Неговото залагање за нивното спасение. {КВ 142.2}

Срдечните и искрените зборови со кои Натанаил првпат ја изразил својата вера, звучеле како песна во Исусовите уши. И Тој „му одговори и рече: Веруваш зашто ти реков дека те видов под смоквата. Ќе видиш и поголеми работи од тоа". Спасителот со радост го очекувал Своето дело да донесува добри вести на кротките, да ги превива ранетите срца и да ја објави слободата на заробениците на сатаната. Имајќи ги на ум драгоцените благослови што им ги донел на луѓето, Исус додал: „Вистина, вистина ви велам, отсега ќе го видите небото отворено и Божјите ангели како се качуваат и слегуваат над Синот Човечки". {КВ 142.3}

Всушност овде Христос рекол: „На брегот на Јордан се отвори небото и Духот слезе врз Мене како гулаб. Таа сцена потврди дека Јас сум Божји Син. Ако верувате во мене дека сум Божји Син, вашата вера ќе биде освежена. Ќе видите дека небото е отворено и дека веќе нема да се затвори. Го отворив заради вас. Божјите ангели се качуваат носејќи му ги на Таткото молитвите на сиромашните и несреќните и слегуваат носејќи им благослов, надеж, охрабрување, помош и живот на синовите човечки". {КВ 142.4}

Божјите ангели постојано се качуваат од Земјата на Небото и се симнуваат од Небото на Земјата. Христовите чуда за погодените и болните биле издејствувани со Божја сила, преку службата на ангелите. Преку Христа, со помош на службата на Неговите небесни гласници, нам ни доаѓаат сите Божји благослови. Примајќи на Себе човечки облик, нашиот Спасител ги спојува Своите интереси со интересите на паднатите Адамови синови и ќерки, додека со Своето божество се држи за Божјиот престол. Така Христос е посредник за општење на луѓето со Бога и на Бога со луѓето. {КВ 143.1}

15. НА СВАДБЕНА СВЕЧЕНОСТ

Оваа поглавје е засновано на Јован 2:1-11.

Исус не ја започнал Својата служба со некое големо дело пред Синедрионот во Ерусалим. На еден семеен собир во едно мало галилејско село, Тој ја употребил Својата моќ за да ја зголеми радоста на свадбената свеченост. На тој начин ја покажал Својата љубов кон луѓето и Својата желба да придонесе за нивната среќа. Во пустината на искушението Тој ја испил чашата на страдањата. Сега дошол на луѓето да им подаде чаша на благослов и со неа да ги посвети односите во човечкиот живот. {КВ 144.1}

Исус се вратил од Јордан во Галилеја. Во Кана, мало место недалеку од Назарет, имало свадба; младенците биле роднини на Јосиф и Марија, па Исус, знаејќи за тој семеен собир, дошол во Кана и со Своите ученици бил повикан на свадбата. {КВ 144.2}

Тука повторно се сретнал со Својата мајка, од која бил одвоен извесно време. Марија слушнала што се случило на Јордан при Неговото крштевање. Веста за тоа се расчула во Назарет и во нејзината душа оживеале сцените, кои толку години ги криела во своето срце. Заедно со сите Израелци, Марија била длабоко возбудена од мисијата на Јован Крстителот. Добро се сеќавала на пророштвата дадени при Неговото раѓање. Сега Христовата врска со Јован повторно ги загреала нејзините надежи. Меѓутоа, до неа

стигнале и гласини за таинственото Исусовото заминување во пустината, што ја исполнувало со тажни претчувства. {КВ 144.3}

Од оној ден, кога во домот во Назарет ја слушнала веста на ангелот, Марија во себе го чувала секој доказ дека Исус е Месијата. Неговиот благ, несебичен живот ја уверил дека Тој не може да биде никој друг освен Пратеник од Небото. Сепак таа се соочувала со сомневања и разочарувања и копнеела за времето кога ќе се открие Неговата слава. Смртта ја разделила од Јосифа, кој заедно со неа го делел сознанието за тајната на Исусовото раѓање. Сега веќе немала никој на кого би можела да ги довери своите надежи и стравови. Изминатите два месеци за неа биле многу тажни. Била одвоена од Исуса, во чија љубов наоѓала утеха. Размислувала за зборовите на Симеон: „А тебе нож ќе ти ја прободе душата“ (Лука 2:35); се сетила на тридневните маки, кога мислела дека засекогаш го загубила Исуса и сега со грижа во срцето го очекувала Неговото враќање. {КВ 145.1}

На свадбата се сретнала со Него со истиот нежен, покорен син. Сепак, не бил ист. Неговото лице се променило. На Него се виделе траги од борбата што ја водел во пустината, а некој нов израз на достоинство и сила сведочел за Неговата небесна мисија. Околу Него се наоѓала група млади луѓе чии очи го гледале со стравопочит и кои го нарекувале Учител. Тие и раскажале на Марија што виделе и слушнале при крштевањето и на други места. На крај, тие заклучиле изјавувајќи: „Го најдовме Оној, за Кого Мојсеј напишал во законот, а исто така и пророците”. (Јован 1:45) {КВ 145.2}

Кога гостите се собрале, многумина изгледале целосно обземени со некоја интересна тема. Друштвото било проникнато со прикриена возбуда. Во групи се воделе живи, но тивки разговори, а испитувачки погледи повремено биле насочувани кон Синот на Марија. Кога го слушнала сведоштвото на учениците за Исуса, Марија била среќна што нејзините долго негувани надежи не биле напразни. Сепак, таа би морала да биде нешто повеќе од човечко суштество, кога таа света радост не би содржела во себе малку природна гордост на една нежна мајка. Кога видела колку погледи се вперени во Него, таа копнеела Тој на целото мноштво да му докаже дека Тој навистина бил Почесниот од Бога. Се надевала дека ќе му се пружи можност пред нив да направи некое чудо. {КВ 145.3}

Во тоа време бил обичај свадбените свечености да траат по неколку денови. Во таа прилика, снемало вино пред да заврши свеченоста. Тоа откритие причинило голема збунетост и жалење. Било необично да нема вино на такви прослави и тоа би се сметало како знак на недостаток на гостопримливост. Како роднина на младоженците, Марија им помагала во подготовките за свадба и му се обратила на Исуса, велејќи: „Немаат вино”. Тие зборови биле сугестија дека можеби би требало Исус да се погрижи таа потреба да биде задоволена. Меѓутоа, Исус и одговорил: „Што имам јас со тебе, жено? Уште не е дојден Мојот час”. {КВ 145.4}

Овој одговор, колку и да изгледа остар, не изразува студенило или неучтивост. Начинот на кој Спасителот и се обратил на Својата мајка бил во склад со источните обичаи. Таков начин се употребувал кон лица на кои им се укажувала почит. Секоја постапка во Христовиот земен живот била во склад со правилото што Тој сам го дал: „Почитувај ги твојот татко и твојата мајка”. (Излез 20:12) На крстот, во Својот последен чин на нежност кон Својата мајка, Исус повторно и се обратил на ист начин, доверувајќи ја на грижа на Својот најсакан ученик. И на свадбената свеченост и на крстот, љубовта изразена во тонот на гласот, погледот и однесувањето ги толкувала Неговите зборови. {КВ 146.1}

При посетата на храмот во детството, кога тајната за Неговата животна мисија се открила пред Него, Христос и рекол на Марија: „Зар не знаете дека треба да бидам во работата на Мојот Татко?“ (Лука 2:49) Тие зборови претставувале основен тон во целиот Негов живот и служба. Сè било потчинето на Неговото дело, големото дело на откупување, поради чие остварување дошол на оваа Земја. Сега ја повторил поуката. Постоела опасност Марија да смета дека нејзиниот однос со Исуса и дава некое посебно право, како и правото, до некој степен да го управува Него во Неговата мисија. Триесет години Тој бил син исполнет со љубов и послушност и Неговата љубов не се променила. Сега морал да премине на делото на Својот Татко. Бидејќи бил Син на Семоќниот и Спасител на светот, никакви земни врски не смееле да го одвојат од Неговата мисија, ниту да влијаат на Неговото однесување. Морал да биде слободен за да ја твори Божјата љубов. Таа поука има значење и за нас. Божјите барања се повисоки дури и од човечките врски. Никаква земна привлечност не смее да ги одврати нашите нозе од патот по кој Тој не повикува да одиме. {КВ 146.2}

Единствената надеж за откупувањето на нашиот паднат човечки род се наоѓа само во Христа. Марија можела да најде спасение единствено преку Божјото Јагне. Самата немала никакви заслуги. Нејзината врска со Исуса не ја ставала во поинаква духовна врска со Него од кое било друго човечко суштество. На тоа укажувале зборовите на Спасителот. Тој направил јасна разлика меѓу Својот однос кон неа како Син Човечки и како Божји Син. Нивната роднинска врска во никој случај не ја става Марија во рамноправна положба со Него. {КВ 147.1}

Зборовите „Уште не е дојден мојот час,“ укажуваат на фактот дека секој чин во Христовиот живот на Земјата бил исполнување на планот, кој постоел уште од вечни времиња. Исус го познавал тој план во сите подробности уште пред да дојде на Земјата. Но додека одел меѓу луѓето, Тој бил воден чекор по чекор од волјата на Својот Татко. Не се колебал да делува во одреденото време. Со иста послушност чекал додека не дојде тоа време. {КВ 147.2}

Со тоа што и кажал на Марија дека уште не дошол Неговиот час, Исус одговорил на нејзината неискажана мисла на очекувањето што таа го негувала заедно со својот народ. Се надевала дека Тој ќе се открие Себеси како Месија и ќе го преземе тронот на Израел. Меѓутоа, времето уште не дошло. Не како цар, туку како „Човек на болката, запознаен со тагата,“ Исус ја прифатил судбината на човечкиот род. {КВ 147.3}

Меѓутоа, иако Марија немала точна претстава за Христовата мисија, таа имала безусловна доверба во Него. На таа вера Исус одговорил. За да и укаже чест на нејзината доверба и за да ја зајакне верата на Своите ученици, првото чудо било извршено. Учениците требало да се сретнат со многубројни и силни искушенија, кои наведуваат на неверување. Благодарение на пророштвата, им било сосема јасно дека Исус е Месијата. Очекувале дека и верските водачи ќе го прифатат и ќе му укажат уште поголема доверба од нив. Им зборувале на луѓето за Неговите прекрасни дела и за својата доверба во Неговата мисија, но биле зачудени и горко разочарани од неверието, длабоко всадените предрасуди и непријателството кон Исуса прикажано од страна на свештениците и рабините. Првите чуда на Спасителот ги зајакнале учениците да се спротивстават на тоа противење. {КВ 147.4}

Марија, која ниту малку не била збунета од Исусовите зборови, им рекла на оние кои служеле околу трпезата: „Што и да ви каже, направете”. Така таа направила она што можела, за да го подготви патот за Христовото дело. {КВ 148.1}

Покрај вратата стоеле шест големи камени садови за вода и Исус им рекол на слугите да ги наполнат со вода. Така било направено. Потоа, кога требало да се послужи виното, Тој рекол: „Сега нацрпете и однесете му на старосватот". Наместо вода со која биле наполнети садовите, потекло вино. Ниту оној, кој бил одговорен за гозбата, ниту гостите не знаеле дека снемало вино. Кога го вкусил виното, старосватот утврдил дека никогаш порано не пиел толку добро вино и дека тоа се разликува од она што го имале на почетокот на свеченоста. Обраќајќи му се на младоженецот, тој рекол: „Секој човек прво изнесува добро вино, а кога луѓето ќе се напијат, послабо. Ти доброто вино го чуваше досега". {КВ 148.2}

Како што луѓето прво го изнесуваат најдоброто вино, а потоа она што е полошо, така прави и светот со своите дарови. Она што го нуди светот можеби ќе ги задоволи очите и ќе ги восхити сетилата, но тоа нема да ги исполни човековите копнежи. Виното се претвора во горчина, веселбата во тага. Она што започнало со песна и веселба, завршува со умор и одвратност. Меѓутоа, Исусовите дарови се секогаш свежи и нови. Свеченоста што Тој ја подготвува за душата, секогаш ќе пружа задоволство и радост. Секој нов дар ја зголемува способноста на примателот да ги цени и да им се радува на Господовите благослови. Тој дава благодат за благодат. И тука не може да има недостаток. Ако пребивате во Него, фактот дека денес примате изобилен дар, обезбедува примање на пообилен дар утре. Исусовите зборови на Натанаил го изразуваат законот според кој Бог постапува со децата на верата. Со секое ново откровение на Својата љубов, Тој му вели на приемчивото срце: „Веруваш ли? Ќе видиш и поголеми нешта од овие". (Јован 1:50) {КВ 148.3}

Христовиот дар на свадбената свеченост бил еден симбол. Водата претставувала крштевање во Неговата смрт; виното пролевање на Неговата крв за гревовите на светот. Човечки раце ја донеле водата со која биле наполнети садовите, но единствено Христовата Реч можела да даде животворна сила. Така е и со обредите кои укажуваат на смртта на Спасителот. Единствено со Христовата сила, која работи преку верата, тие имаат моќ да ја хранат душата. {КВ 148.4}

Христовата Реч обезбедила изобилна залиха за свеченоста. Така е изобилен и дарот на Неговата благодат, за да се избришат престапите на луѓето и за да се обнови и закрепне душата. {КВ 149.1}

На првата свеченост на која присуствувал со Своите ученици, Исус им дал чаша која била симбол на Неговото дело за нивно спасение. Тој повторно го направил тоа на последната вечера, воспоставувајќи го тој свет обред што требало да биде спомен за Неговата смрт, сè „додека Тој не дојде". (1. Коринтјаните 11:26) Тагата на учениците поради разделбата со Својот Учител била утешена со ветувањето за повторното соединување, кога рекол: „Јас отсега нема повеќе да пијам од овој лозов род до оној ден, кога ќе пијам со вас нов во царството на Мојот Татко". (Матеј 26:29) {КВ 149.2}

Виното што го обезбедил Христос за свеченоста и она што им го дал на учениците, како симбол на Својата крв бил чист гроздов сок. На тоа укажува и пророкот Исаија, зборувајќи за новото вино „во гроздот," кога вели: „Не го расипувај, зашто благослов е во него". (Исаија 65:8) {КВ 149.3}

Во Стариот завет Христос е Оној, Кој дал предупредување до Израел: „Виното е потсмевач, жестокиот пијалак немирник и секој што им се предава на нив, не е мудар". (Изреки 20:1) И Тој Самиот не се погрижил за таков пијалак. Сатаната ги искушува луѓето да попуштаат на желбите, кои го замаглуваат разумот и го затапуваат духовното согледување, но Христос не учи да ја потчинуваме пониската природа. Целокупниот

Негов живот претставувал пример на самооткажување. За да ја скрши моќта на апетитот, Тој за нас поднел најтешки проби што човекот може да ги издржи. Христос посочил Јован Крстителот да не пие вино, ниту жесток пијалак. Тој барал слично воздржување и од жената на Маној. Тој изрекува проклетство над оној човек, кој става шише на усните на својот ближен. Со своето однесување Христос не и противречел на Својата наука. Неферментираното вино што им го обезбедил на сватовите бил здрав и освежителен пијалак. Неговото дејство се состоело во тоа да го доведе вкусот во склад со здравиот апетит. {КВ 149.4}

Кога гостите на свеченоста го забележале квалитетот на виното, почнале да се распрашуваат, па од слугите дознале за чудото. Друштвото извесно време било премногу восхитено за да размислува за Оној, Кој извршил такво чудесно дело. Кога конечно го побарале, утврдиле дека Тој така тивко се повлекол, така што не го забележале дури ни Неговите ученици. {КВ 149.5}

Вниманието на сите присутни сега било насочено кон учениците. Тие за прв пат имале можност да ја признаат својата вера во Исуса. Раскажале што виделе и што слушнале на Јордан, па во срцата на многумина се родила надеж дека Бог подигнал Ослободител за Својот народ. Новоста за ова чудо бргу се раширила низ целиот крај и стигнала до Ерусалим. Свештениците и учителите со нов интерес ги проучувале пророштвата што укажувале на Христовото доаѓање. Се разбудила силна желба да се сфати мисијата на тој нов Учител, Кој на толку скромен начин се појавил меѓу луѓето. {КВ 150.1}

Христовиот начин на работа значително се разликувал од работата на еврејските старешини. Нивното почитување на традициите и формализмот ја уништиле сета вистинска слобода на мислите и делата. Тие живееле во постојан страв да не се осквернат. За да го избегнат допирот со „нечистите,“ тие се држеле на растојание не само од незнабошците, туку и од поголемиот дел од својот народ, не трудејќи се да му користат, ниту да го стекнат неговото пријателство. Занимавајќи се постојано со тие мисли, ги ограничувале своите сфаќања и го ограничиле кругот на својот живот. Нивниот пример поттикнувал на себичност и нетрпеливост меѓу сите народни слоеви. {КВ 150.2}

Исус го започнал делото на реформација стапувајќи во Близок допир со луѓето. Покажувајќи најголема почит кон Божјиот закон, ја осудувал наметливата побожност на фарисеите и се обидувал да го ослободи народот од бесмислените правила кои го ограничувале. Копнеел да ги сруши преградите, кои ги одвојувале различните слоеви на општеството, за да ги здружи луѓето, како деца на едно семејство. Неговото присуство на свадбената свеченост имало за цел да биде делотворен чекор во остварувањето на таа цел. {КВ 150.3}

Бог го упатил Јован Крстителот да живее во пустина за да го заштити од влијанието на свештениците и рабините и да го подготви за посебна мисија. Меѓутоа, неговиот строг начин на живот и неговата осаменост не претставувале пример за народот. Јован не ги повикувал своите слушатели да ги напуштат своите поранешни должности. Ги повикувал да го докажат своето покајание со верност кон Бога, на местото каде што Тој ги повикал. {КВ 150.4}

Исус го осудувал самоугодувањето во сите негови облици, но по природа бил друштвен. Го прифаќал гостопримството на сите слоеви, посетувајќи ги домовите на богатите и сиромашните, на учените и неуките и копнеел да ги оттргне нивните мисли од прашањата на секојдневниот живот и да ги насочи кон оние работи, кои се духовни

и вечни. Тој не давал никаква дозвола за распуштен живот, ниту Неговото однесување било извалкано со некаква сенка на световна лекоумност; Сепак, Тој наоѓал задоволство во сцените на невина среќа и со Своето присуство ги одобрувал дружељубивите собири. Еврејската свадба бил импресивен настан и нејзината радост не предизвикувала незадоволство кај Синот Човечки. Присуствувајќи на свеченоста, Исус му укажал почит на бракот, како на божествена установа. {КВ 150.5}

Како во Стариот, така и во Новиот Завет, брачната врска служи како пример да се покаже нежното и свето единство, кое постои помеѓу Христа и Неговиот народ. Според Исусовото сфаќање, свадбената веселба укажувала на радоста на оној ден, кога Тој ќе ја доведе Својата невеста во Татковиот дом, кога откупените ќе седнат со Откупителот на свадбената вечера на Јагнето. Тој вели „Како што младоженецот и се радува на невестата, така тебе ќе ти се радува твојот Бог". „Нема повеќе да се викаш Оставена... туку ќе те викаат Милина Моја... зашто Господ наоѓа задоволство во тебе". „Тој ќе се радува над тебе полн со радост; Тој ќе почива во Својата љубов, радосно ќе пее над тебе". (Исаија 62:5,4; Софонија 3:17) Кога Јован примил видение за небесните настани, напишал: „И чув глас, како на големо мноштво, како бучава на силни води, како тресок на силни громови како зборуваат: Алилуја, зашто се зацари нашиот Господ Бог, Седржител. Да се радуваме, да се веселиме и да му оддадеме чест на Бога, зашто дојде свадбата на Јагнето и Неговата жена се приготви". „Блазе на оние што се повикани на свадбената вечера на Јагнето". (Откровение 19:6,7,9) {КВ 151.1}

Исус сметал дека секоја душа мора да се повика да дојде во Неговото царство. Тој ги придобивал срцата на народот на тој начин што им покажувал дека им посакува добро. Ги барал по улиците, во домовите, на чамците, во синагогите, на брегот на езерото, па и на свадбената свеченост. Се среќавал со нив додека се одморале и покажувал интерес за нивните земни работи. Ги внесувал своите поуки во домаќинството, доведувајќи ги семејствата во нивните сопствени домови под влијание на Своето божествено присуство. Неговата силна лична наклонетост му помогнала да придобие срца. Често се повлекувал во планините за да се моли, но тоа била само подготовка за Неговата работа помеѓу луѓето во активниот живот. Од така поминатото време, Тој Доаѓал да ги исцелува болните, да ги поучува неуките и да ги раскине оковите од заробениците на сатаната. {КВ 151.2}

Исус ги поучувал Своите ученици со личен допир и со дружење. Понекогаш ги поучувал седејќи меѓу нив на планинските падини; понекогаш покрај морето или одејќи заедно со нив, им ги откривал тајните на Божјото царство. Тој не држел беседи, како што тоа денес го прават луѓето. Кога срцата биле подготвени да ја примат божествената вест, Тој ги изнесувал вистините за патот на спасението. Не им заповедал на учениците да го прават ова или она, туку само повикувал: „Следи ме". На Своите патувања низ селата и градовите, Тој ги водел со Себе за да видат како Тој го поучува народот. Тој ги поврзал нивните интереси со Своите, и тие се соединиле со Него во Неговото дело. {КВ 152.1}

Примерот на Христос како се поврзувал Себеси со интересите на луѓето треба да се следи од сите оние, кои ја проповедаат Неговата Реч и сите оние, кои го примиле евангелието на Неговата благодат. Не смееме да се откажеме од дружељубивите врски. Не треба да се оградиме од другите. За да досегнеме до сите слоеви, мораме да ги пронајдеме таму каде што тие се наоѓаат. Ретко се случува тие да не бараат нас. Срцата на луѓето не треба да се трогнат од божествената вистина само од проповедална. Постои и друго поле на работа можеби поскромно, но исто така полно со ветувања. Тоа

се наоѓа во домот на сиромашните, во дворот на големците, на гостопримливата трпеза и на собирите за невино дружељубиво уживање. {КВ 152.2}

Како Христови ученици, ние не треба да се дружиме со светот заради задоволство, ниту да се обединиме со нив во лудостите. Таквото дружење може да има само штетни последици. Никогаш не смееме да го одобриме гревот со своите зборови или дела, со своето молчење или присуство. Каде и да одиме, мораме да го носиме Исуса со нас и да им укажуваме на другите колку е драгоцен нашиот Спасител. Меѓутоа, оние што се обидуваат да ја сочуваат својата вера со тоа што ја кријат зад камени ѕидини, пропуштаат драгоцени можности да прават добро. Преку општествените односи христијанството Доаѓа во допир со светот. Секој оној, кој примил божествено просветлување, треба да го осветли патот на оние, кои не ја познаваат Светлината на животот. {КВ 152.3}

Сите ние треба да бидеме сведоци за Исуса. Општествената моќ, посветена со Христовата благодат, мора да се искористи за придобивање души за Спасителот. Светот треба да види дека ние не сме себично обземени со сопствените интереси, туку дека сакаме и други да учествуваат во нашите благослови и предности. Светот треба да види дека нашата вера не нè прави нечувствителни или луѓе што бараат многу. Сите што тврдат дека го нашле Христа, треба да се залагаат за доброто на луѓето, онака, како што правел Тој. {КВ 152.4}

Никогаш не смееме пред светот да оставиме впечаток дека христијаните се намуртени, несреќни луѓе. Ако ги вперите своите очи во Исуса, ќе видиме сочувствителен Спасител и ќе бидеме осветлени од светлината на Неговото лице. Секаде, каде што владее Неговиот Дух тука се наоѓа мир. А тука ќе се наоѓа и радост, зашто постои мирна, света доверба во Бога. {КВ 152.5}

Христос е задоволен од Своите следбеници кога тие покажуваат дека, иако во човечко тело, учествуваат во божествената природа. Тие не се кипови, туку живи мажи и жени. Нивните срца, освежени од росата на божествената благодат, се отвораат и се шират кон Сонцето на Праведноста. Светлината што светли врз нив, тие ја пренесуваат на другите со помош на делата кои блескаат со Христовата љубов. {КВ 153.1}

16. ХРИСТОС ВО СВОЈОТ ХРАМ

Оваа поглавје е засновано на Јован 2:12-22.

„Потоа слезе во Капернаум Тој, мајка му, Неговите браќа и Неговите ученици и останаа таму неколку дена. Се приближуваше Пасха јудејска и Исус отиде горе во Ерусалим”. {КВ 154.1}

На овој пат Исус и се придружил на една од големите групи што се упатиле во главниот град. Тој сè уште не ја објавил јавно Својата мисија и незабележано се вмешал во мноштвото. Во тие прилики, често се разговарало за доаѓањето на Месијата на кое толку многу укажувала службата на Јован. Со големо воодушевување се зборувало за очекуваната национална големина. Исус знаел дека тие очекувања ќе бидат разочарани, бидејќи се засновале на погрешно толкување на Светото Писмо. Со длабока сериозност Тој ги објаснувал пророштвата и настојувал да ги поттикне луѓето потемелно да ја проучуваат Божјата Реч. {КВ 154.2}

Еврејските поглавари го поучувале народот дека во Ерусалим ќе добијат поуки како треба да му се служи на Бога. Во текот на пасхалната седмица многумина се собирале во Ерусалим од сите краеви на Палестина, па дури и од далечните земји. Предворјата на храмот биле исполнети со различно мноштво. Многумина не биле во состојба со себе да донесат жртви, кои требало да се принесат како симбол на големата Жртва. За да им се излезе на тие луѓе во пресрет, животните можеле да се купат во дворот на храмот. Тука се собирале разни луѓе за да ги купат своите дарови. Тука се менувале сите странски пари, за да се добијат монети што се користеле во храмот. {КВ 154.3}

Секој Евреин бил должен годишно да плаќа половина сикал, како „откуп за својата душа," а парите собрани на тој начин биле употребени за одржување на храмот (Излез 30:12-16) Покрај тоа, биле давани огромни суми како доброволни дарови, кои биле ставани во ризницата на храмот. Исто така, сите странски пари требало да се променат за да се добијат пари кои се викале сикал и кои биле приложувани за служба во светилиштето. Таа размена на пари пружала можност за измами и уцени и се претворила во срамна трговија, која претставувала извор на приходи за свештениците. {КВ 155.1}

Трговците барале претерани цени за животните што се продавале, а својата заработувачка ја делеле со свештениците и поглаварите, кои на тој начин се богателе на штета на народот. Верниците биле поучувани да веруваат дека Божјиот благослов нема да почива на нивните деца и на нивните ниви ако не принесат жртви. На тој начин можела да се добие висока цена за животните, бидејќи луѓето, по долгото патување, не сакале да се враќаат во своите домови, а да не извршат служба на побожност, заради која всушност дошле. {КВ 155.2}

Голем број жртви биле принесувани за време на Пасхата, па продажбата во храмот била многу голема. Метежот што владеел поради тоа, повеќе прилегал на бучен добиточен пазар, отколку на свет Божји храм. Тука можело да се слушне гласно спогодување, мукање на добиток, блеење на овци, гукање на гулаби, сето тоа измешано со звекот на пари и со гневно препирање. Метежот бил толку голем, што ги вознемирувал верниците, а зборовите упатени на Семоќниот биле задушени од врева та што продирала во храмот. Евреите многу се фалеле со својата побожност. Тие се радувале со својот храм и секој збор изговорен против храмот се сметал како богохулство. Тие многу строго се придржувале за обредите поврзани со храмот, но сребролубието било посилно од нивните обѕири. Тие не биле нималку свесни за тоа колку се оддалечиле од првобитната цел на службата што ја одредил Бог. {КВ 155.3}

Кога Господ се спуштил на Синајската гора, тоа место било посветено од Неговото присуство. На Мојсеј му било наредено да постави граници околу гората и да ја посвети, а Господовата Реч се слушала како опомена: „Внимавајте да не се качувате на гората и да не се допирате до крајот нејзин. Секој што ќе ја допре гората, ќе го најде смрт. Никаква рака да не се допре до неа, туку нека биде каменуван или со стрела застрелан; било човек или живинче, нека не остане во живот". (Излез 19:12,13) Така е дадена поука за тоа дека секаде, каде што Бог го открива Своето присуство, тоа место е свето. Прилозите за Божјиот храм морале да бидат сметани како свети. Меѓутоа, љубовта кон добивката направила сето ова да се заборави. {КВ 155.4}

Свештениците и поглаварите биле повикани да бидат Божји претставници за народот; нивна должност била да ја исправат злоупотребата на предворјето на храмот, а на народот морале да му дадат пример на чесност и сочувство. Наместо да се грижат за својата заработувачка, требало да ги разгледуваат состојбата и потребите на

верниците и да им помогнат на оние кои не биле во можност да ги купат потребните жртви. Но тие не постапувале така. Нивните срца се стврднале поради лакомост. {КВ 156.1}

На тој празник Доаѓале оние кои страдале, оние кои биле во неволја и тага. Тука се наоѓале слепи, хроми, глуви. Некои биле носени на носила. Многумина биле толку сиромашни, што не можеле да купат дури ни најскромна жртва за Господа, толку сиромашни, што не можеле да купат храна за да ја задоволат сопствената глад. Тие биле ожалостени и огорчени од изјавите на свештениците. Свештениците се фалеле со својата побожност. Тие тврделе дека се чувари на народот, но немале ниту сочувство, ниту сожалување. Сиромашните, болните, оние на смртна постела, попусто барале помош. Нивните страдања не буделе никакво сочувство во срцата на свештениците. {КВ 157.1}

Влегувајќи во храмот, Исус со еден поглед ја согледал таа сцена. Видел нечесна трговија. Ја видел бедата на сиромасите, кои верувале дека без пролевање крв нема да бидат простени нивните гревови. Видел дека надворешното предворје на храмот е претворено во место за нечесна трговија. Светото подрачје се претворило во пространа менувачница. {КВ 157.2}

Христос видел дека нешто мора да се направи. На народот му биле наметнати многу обреди без да им се даде потребно објаснување во поглед на нивното значење. Верниците ги принесувале своите жртви, не знаејќи дека тоа се симболи на една совршена Жртва. А меѓу нив, непознат и непризнат, се наоѓал Оној, Кого симболично го претставувала целокупната нивна служба. Тој дал упатства во поглед на принесување на жртвите. Тој ја сфатил нивната симболика и видел дека сето тоа сега се изопачува и погрешно се сфаќа. Духовното обожавање брзо исчезнало. Никаква врска не ги спојувала свештениците и поглаварите со нивниот Бог. Христовото дело било насочено кон тоа да воспостави поинакво богослужение. {КВ 157.3}

Со испитувачки поглед Христос ја опфатил сцената, додека стоел на скалилата од предворјето на храмот. Тој со пророчко око гледа во иднината и гледа не само години туку децении и векови. Тој гледа како свештениците и поглаварите ќе ги пишат неволниците од нивните права и ќе забранат евангелието да им се проповеда на сиромашните. Тој гледа како Божјата љубов ќе биде прикривана од грешниците и како луѓето ќе тргуваат со Неговата благодат. Додека ја набљудувал таа сцена на осквернување, на Неговото лице се одразувало негодување, достоинство и одлучност. Вниманието на народот почнало да се насочува кон Него. Очите на оние, кои биле вовлечени во несветата трговија се задржале на Неговото лице. Тие не можеле да го оттргнат својот поглед. Тие чувствувале дека тој Човек ги чита нивните најскриени мисли и ги открива нивните тајни побуди. Некои се обидувале да ги сокријат своите лица, бидејќи на нив биле испишани нивните зли дела, кои тие испитувачки очи ќе ги прочитаат. {КВ 157.4}

Мешаницата стивнала. Звукот на трговијата и спогодувањето престанал. Настанала мачна тишина. Целиот собир бил проникнат со чувство на стравопочит. Се чинело како да се доведени пред Божјиот суд за да одговараат за своите дела. Набљудувајќи го Христа, тие виделе дека низ човечката надворешност се открива она што е божествено. Небесното височество стоело, како што ќе стои Судијата во последниот ден; сега не бил опкружен со славата што ќе го придружува тогаш, но поседувал иста таква способност да ги чита душите на луѓето. Неговиот поглед преминувал преку мноштвото, забележувајќи го секој поединец. Неговата појава со царско достоинство се

издигнувала над нив, додека божествената светлина го осветлувала Неговото лице. Проговорил, а Неговиот јасен, звонлив глас Оној ист Глас, Кој од Синајската гора го објавил Законот што го кршат свештениците и поглаварите одекнал низ сводовите на храмот: „Носете ги овие работи одовде и не правете од домот на Мојот Татко дом за тргување". {КВ 158.1}

Слегувајќи полека по скалите и подигајќи го камшикот од јаже што го земал влегувајќи внатре, Тој им наредил на трговците да се оддалечат од територијата на храмот. Со ревност и строгост што никогаш порано не ги покажувал, ги превртел масите на менувачите на пари. Металните пари јасно одзвонувале на мермерниот под. Никој не се осмелил да праша за Неговиот авторитет. Никој не се осмелил да ја собере својата лошо заработена добивка. Исус не ги удирал со камшикот, но тој едноставен камшик во Неговата рака изгледал како пламен меч. Службениците на храмот, свештениците кои склопуваат нечесни зделки, посредниците и трговците на добиток со своите овци и говеда побрзале да го напуштат ова место со една мисла; да побегнат од осудата на Неговото присуство. {КВ 158.2}

Паника го погодува мноштвото, кое ја почувствувало сенката на Неговата божествена природа. Од бледите усни на стотици луѓе се слушале извици на ужас. Дури и учениците трепереле од страв. Тие се наоѓале под силен впечаток на Исусовите зборови и постапки, кои отстапувале од Неговото вообичаено однесување. Се сеќавале дека за Него било напишано: „Ме изеде ревност за Твојот дом". (Псалм 69:9) Набргу, бучното мноштво со својата стока се нашло далеку од Господовиот храм. Предворјата биле ослободени од несветата трговија и над местото каде што владеел метеж се спуштила длабока тишина и свеченост. Господовото присуство, кое некогаш ја посветило гората, сега го посветило храмот, подигнат во Негова слава. {КВ 158.3}

Со чистењето на храмот Исус ја најавил Својата месијанска служба и го започнал Своето дело. Тој храм, подигнат да биде место за престојување на божественото присуство, има за цел да биде очигледна поука за Израел и за светот. Уште од вечни времиња Божја намера била секое создание, од светлиот и свет серафим до човекот, да биде храм во кој ќе престојува Творецот. Човечкиот род, заради гревот престанал да биде Божји храм. Замрачено и извалкано од грев, човечкото срце веќе не можело да ја открива божествената слава. Меѓутоа, со отелотворување на Божјиот Син се исполнила намерата на Небото. Бог престојува во луѓето и човечкото срце повторно станува Негов храм преку спасоносната милост. Божја волја била храмот во Ерусалим да биде постојано сведоштво за високата Божја цел за секоја душа. Меѓутоа, Евреите не го разбрале значењето на градбата со која толку се гордееле. Не сакале да се предадат себеси да бидат свет храм на божествениот Дух. Предворјата на храмот во Ерусалим, полни со метеж и несвета трговија, премногу верно го прикажувале храмот на срцето, извалкано од присуството на сетилни страсти и несвети мисли. Чистејќи го храмот од световните продавачи и купувачи, Исус ја објавил Својата мисија; чистење на срцата од нечистотијата на гревот од земните желби, од себичните барања, од лошите навики што ја расипуваат душата. „Одненадеж во својот храм ќе дојде Господ што го барате вие и Ангелот на заветот по Кого копнеете. Еве го, веќе Доаѓа, вели Господ над војските. Но кој ќе го поднесе денот на Неговото доаѓање и кој ќе опстане, кога ќе се појави Тој? Зашто Тој е како оган леарски и како пепелницата на белачот. Тој ќе седне како оној што топи и пречистува сребро. Ќе ги очисти синовите Левиеви и ќе ги прочисти како злато и сребро". (Малахија 3:1-3) {КВ 161.1}

„Не знаете ли дека вие сте храм Божји и дека Божјиот Дух пребива во вас? Ако некој го разори Божјиот храм, него ќе го уништи Бог, зашто Божјиот храм е свет, а тоа сте вие". (1. Коринтјаните 3:16,17) Ниту еден човек не може сам да го истера злото што се вгнездило во неговото срце. Единствено Христос може да го очисти храмот на душата. Но Тој не сака насилно да влезе. Тој не влегува во срцето како некогаш во стариот храм, туку вели: „Еве стојам пред врата и тропам. Оној што ќе го чуе мојот глас и што ќе ја отвори вратата, ќе влезам кај него". (Откровение 3:20) Тој ќе дојде не само на еден ден, бидејќи вели: „Ќе живеам и ќе одам меѓу нив..., а тие ќе бидат Мој народ". Дој ќе ги погази нашите беззаконија; ќе ги фрли во морските длабочини сите наши гревови". (2. Коринтјаните 6:16; Михеј 7:19) Неговото присуство ќе ја очисти и ќе ја посвети душата за да биде свет храм на Господа и „во живеалиште Божјо преку Духот". (Ефесјаните 2:21,22) {КВ 161.2}

Совладани од ужас, свештениците и поглаварите побегнале од дворот на храмот и од проникливиот поглед што ги читал нивните срца. Во своето бегство сретнувале други што оделе кон храмот и ги повикувале да се вратат, раскажувајќи им што виделе и што чуле. Со длабоко сочувство Христос ги набљудувал луѓето што бегале, исплашени и несвесни за тоа што всушност претставува вистинска служба за Бога. Во таа сцена, Тој видел симбол на расејување на еврејскиот народ, кој ќе биде раселен поради своите беззаконија и своето непокајание. {КВ 162.1}

Зошто свештениците побегнале од храмот? Зошто не останале на свој терен? Оној, Кој им заповедал да одат, бил син на дрводелец, сиромашен Галилеец, без земна положба и моќ. Зошто не му се спротивставиле? Зошто ја напуштиле толку неправедно стекнатата добивка и побегнале при заповедта на еден човек, чиј надворешен изглед бил толку скромен? {КВ 162.2}

Христос зборувал со царски авторитет, а во Неговата појава и во тонот на Неговиот глас имало нешто на што тие не можеле да се спротивстават. Кога ја слушнале наредбата, тие сфатиле како никогаш порано дека всушност се најобични лицемери и ограбувачи. Кога божествената природа заблескала низ човечката, тие не само што ја виделе лутината на Христовото лице, туку го сфатиле и значењето на Неговите зборови. Се чувствувале како да се пред престолот на вечниот Судија, како да им е изречена пресуда за вечни времиња. Извесно време биле убедени дека Христос е пророк, а многумина поверувале дека Тој е Месијата. Светиот Дух ги потсетил на изјавите на пророците за Христа. Дали ќе го прифатат ова осведочување? {КВ 162.3}

Не сакале да се покаат. Тие знаеле дека сочувството на Христа за сиромашните се разбудило. Тие знаеле дека се виновници заради уценување во работењето со луѓето. Го мразеле Христа затоа што ги читал нивните мисли. Неговата јавна осуда ја навредила нивната гордост и биле љубоморни на Него, заради влијанието што го имал кај народот. Одлучиле да му постават прашање со кое право ги истерал и кој му ја дал таа сила. {КВ 162.4}

Полека и претпазливо се вратиле во храмот, но со омраза во срцето. Но каква промена се случила за време на нивното отсуство. Кога тие побегнале како виновници, сиромашните останале; тие го гледале Исуса, чие лице изразувало љубов и сочувство. Со солзи во очите, Тој им рекол на оние околу Него, кои трепереле: „Не плаши се, Јас ќе те избавам, а ти ќе ме прославиш. Заради тоа Јас дојдов на овој свет". {КВ 162.5}

Народот се стискал околу Христа упатувајќи му итни, трогателни молби: „Учителу, благослови ме". Неговото уво го слушнало секој повик. Со сожалување поголемо од сожалувањето на нежна мајка, се наведнувал над страдалниците. Секому му

посветувал внимание. Секој поединец го излекувал од каква и да било болест да боледувал. Немите ги отвориле своите усни во благодарност, слепите го гледале лицето на својот Исцелител. Срцата на страдалниците се исполниле со радост. {КВ 163.1}

Кога свештениците и службениците на храмот го виделе тоа големо дело, какво откровение за нив претставувале гласовите што ги слушнале! Луѓето раскажувале за болките што ги претрпеле, за своите неисполнети надежи, за тешките денови и бессоните ноќи. Кога изгледало дека е згасната и последната надеж, Христос ги излекувал. Товарот беше толку тежок," сведочел еден „но јас пронајдов помошник. Тоа е Христос и јас целиот свој живот ќе го посветам на Неговата служба". Родителите им зборувале на своите деца: „Тој ви го спаси животот. Подигнете го својот глас и фалете Го!" Гласовите на децата и младите, татковците и мајките, пријателите и гледачите се здружиле во благодарност и пофалба. Нивните срца биле исполнети со надеж и среќа. Нивните души биле исполнети со мир. Тие душевно и телесно закрепнале и се вратиле дома, насекаде објавувајќи ја неспоредливата Исусова љубов. {КВ 163.2}

При Христовото распнување, оние што биле излекувани на тој начин, не се придружиле на толпата што викала: „Распни го, распни го!" Нивните чувства биле на Исусовата страна, бидејќи ја почувствувале Неговата љубов и чудесна моќ. Знаеле дека Тој е нивен Спасител, бидејќи им дал телесно и духовно здравје. Ги слушале проповедите на апостолите и ги разбрале, бидејќи Божјата Реч пронашла пат до нивните срца. Тие станале посредници на Божјата милост и орудија на Неговото спасение. {КВ 163.3}

Мноштвото што побегнало од предворјето на храмот, почнало полека да се враќа. Луѓето делумно закрепнале од стравот што ги опфатил, но нивните пица Сепак изразувале неодлучност и страв. Со вчудовидување ги набљудувале Исусовите дела и биле убедени дека во Него се исполниле пророштвата во поглед на Месијата. Гревот за обесветување на храмот во голема мера паѓал на свештениците. Според нивни упатства предворјето на храмот било претворено во пазар. Во споредба со нив, народот не бил виновен. Исусовиот божествен авторитет оставил длабок впечаток на луѓето, но кај нив преовладувало влијанието на свештениците и поглаварите. Тие ја сметале Христовата мисија за новина и се сомневале во Неговото право да го спречува она што го дозволила црковната власт. Биле навредени што пазарот бил растурен и го задушувале во себе дејството на Светиот Дух. {КВ 163.4}

Свештениците и поглаварите, пред сите останати морале да видат дека Исус е Божји помазаник, бидејќи во нивните раце се наоѓале светите списи во кои е опишана Неговата мисија и знаеле дека во чистењето на храмот се манифестирало нешто поголемо од човечката сила. Колку и да го мразеле Исуса, не можеле да се ослободат од мислата дека Тој можеби е пророк што бил испратен од Бога за да воспостави светост во храмот. Со почит која произлегла од тој страв, тие му пристапипе со прашањето: „Со каков знак ни го докажуваш тоа што го правиш?" {КВ 164.1}

Исус им покажал знак. Со светлината која засветлила во нивните срца и делата кои ги правел пред нив, а кои можел да ги прави само Месијата, Тој им дал убедлив доказ за Својот карактер. Сега, кога барале знак, Тој одговорил со една парабола, покажувајќи дека ја сфатил нивната лоша намера и дека гледа до каде таа ќе ги одведе. „Урнете го овој храм," рекол „и за три дена Јас ќе го подигнам!" {КВ 164.2}

Овие Негови зборови имале двојно значење. Тој не мислел само на уништување на еврејскиот храм и обожавањето, туку и на сопствената смрт на уништување на храмот на Своето тело. Евреите веќе ковале заговор за ова. Кога свештениците и поглаварите

се вратиле во храмот, предложиле да го убијат Исуса и да се ослободат од Оној, Кој ги вознемирувал. Сепак, кога Тој ги изнел пред нив нивните цели, тие не го разбрале. Сметале дека Неговите зборови се однесуваат само на храмот во Ерусалим и со разлутеност извикале: „Овој храм е граден четириесет и шест години, а Ти ќе го подигнеш за три дена?“ Чувствувале дека Исус го оправдал нивното неверие и тоа ги утврдило во одлуката да го отфрлаат. {КВ 164.3}

Христова намера не била неверните Евреи да ги разберат тие зборови, кои и за Неговите ученици ќе останат несфатени во тоа време. Знаел дека Неговите непријатели погрешно ќе ги толкуваат тие зборови и дека ќе ги свртат против Него. На Неговото судење, тие зборови биле изнесени како обвинување, а на Голгота ќе му бидат фрлени во лице за да го навредат. Меѓутоа, ако во тоа време им ги објаснил, тоа би значело да ги извести Своите ученици за Своите страдања и да им нанесе болка, која во тоа време сè уште не биле во состојба да ја понесат. Покрај тоа, таквото објаснување премногу рано би им ги покажало на Евреите последиците од нивните предрасуди и од нивното неверие. Тие веќе тргнале по патот по кој постојано ќе одат, сè додека Тој не биде одведен како јагне на колење. {КВ 164.4}

Овие Христови зборови биле изговорени поради оние, кои ќе поверуваат во Него. Тој знаел дека тие зборови ќе се повторуваат. Бидејќи биле изговорени за време на Пасха, тие зборови ќе дојдат до ушите на илјадници луѓе и ќе бидат пренесени низ сите краеви на светот. И кога Тој ќе воскресне од мртвите, значењето на тие зборови ќе биде јасно. За многумина тие ќе бидат убедлив доказ за Неговото божество. {КВ 165.1}

Среде духовната темнина, дури и Исусовите ученици често пати не ги разбирале Неговите поуки. Меѓутоа, многу од тие поуки им станале јасни со подоцнежните случувања. Кога Тој веќе не бил со нив, Неговите зборови требало да останат во нивните срца. {КВ 165.2}

Зборовите на Спасителот, кои се однесувале на храмот во Ерусалим: „Урнете го овој храм и за три дена пак ќе го подигнам,“ имале подлабока смисла, отколку смислата што ја согледале Неговите слушатели. Христос бил темел и живот на храмот. Службата во храмот била симбол на жртвата на Божјиот Син. Свештенството е воспоставено да ја прикажува Христовата посредничка улога и дело. Целиот систем на принесување жртви симболично ја прикажувал смртта на Спасителот заради откупување на светот. Принесувањето на тие жртви не би имало никаква смисла, ако големиот настан на кој укажувале тие би бил веќе остварен. {КВ 165.3}

Бидејќи целиот обреден систем симболично укажувал на Христа, тој систем немал никаква вредност без Него. Кога Евреите го запечатиле отфрлањето на Христа, осудувајќи го на смрт, тие го отфрлиле сè она што давало смисла на храмот и службата во него. Светоста на нивниот храм исчезнала; тој бил осуден на пропаст. Од тој ден жртвените прилози и службата во врска со тоа, станале бесмислени. Како и Каиновата жртва, тие не изразувале вера во Спасителот. Со тоа што го предале Христа на смрт, Евреите всушност го уништиле храмот. Кога Христос бил распнат, завесата во храмот се раскинала на два дела, од горе до долу, означувајќи дека е принесена големата финална Жртва и дека целиот систем на жртвите засекогаш престанал. {КВ 165.4}

„За три дена Јас ќе го подигнам”. При смртта на Спасителот, силите на темнината како да победиле и се радувале на својата победа. Меѓутоа, од отворениот Јосифов гроб Христос излегол како победник. „Тој ги разоружа поглаварствата и властите, јавно ги изложи, победувајќи над нив”. (Колосјаните 2:15) Со Својата смрт и воскресение, Тој станал слуга на „вистинската скинија што ја подигна Господ, а не човек”. (Евреите 8:2)

Луѓе го подигнале еврејскиот шатор за состанок, луѓе го изградиле еврејскиот храм, но небесното светилиште, на кое земното било симбол, не го подигнал ниту еден човечки архитект. „Еве го човекот на кого името му е Изданок... Тој ќе го изгради храмот Господов и ќе се прослави; ќе седне и ќе владее на Својот престол и ќе биде свештеник на Својот престол". (Захарија 6:12,13) {КВ 165.5}

Службата на жртвување која укажувала на Христа е помината, но очите на луѓето се вперени кон вистинската жртва за гревовите на светот. Земната свештеничка служба престанала, но ние гледаме на Исуса, слугата на Новиот Завет и на „крвта за попрскување, која подобро зборува од крвта на Авел". „Уште не е отворен патот за небесното светилиште, додека постои првата скинија... Но Христос, кога се појави како првосвештеник на идните добра, поминувајќи низ поголемата и посовршена скинија, која не е направена со раце... влезе еднаш и засекогаш во светото место, откако обезбеди вечно откупување за нас". (Евреите 12:24; 9:8-12) {КВ 166.1}

„Затоа може целосно да ги спаси оние што доаѓаат преку Него кај Бога, зашто секогаш живее за да посредува за нив". (Евреите 7:25) Иако службата морала да се премести од земниот во небесниот храм, иако светилиштето и нашиот голем Првосвештеник ќе бидат невидливи за човечките очи, Сепак учениците нема да претрпат никаква загуба поради тоа. Во нивното општење со Небото нема да има никаков прекин, ниту ќе се намали нивната моќ поради отсуството на Спасителот. Додека Исус служи во небесното светилиште, со своето присуство, Исус сè уште служи во црквата на Земјата. Ние не можеме да го видиме, но се исполнило ветувањето што е дадено при заминувањето: „Еве, Јас сум со вас секогаш, дури до крајот на светот". (Матеј 28:20) Иако ја пренел Својата власт на слугите од понизок степен, Неговото животворно присуство е сè уште во Неговата црква. {КВ 166.2}

„Имајќи голем Првосвештеник,... Исус, Божјиот Син, да се држиме цврсто за верата што ја исповедаме. Зашто ние немаме првосвештеник, кој не може да сочувствува со нашите слабости, туку Еден, Кој е искушан во сè како и ние, само што не згрешил. Затоа слободно да пристапуваме кон престолот на благодатта за да примиме милост и да најдеме благодат за помош во време на потреба". (Евреите 4:14-16) {КВ 166.3}

17. НИКОДИМ

Оваа поглавје е засновано на Јован 3:1-17.

Никодим заземал висока и доверлива положба во еврејскиот народ. Бил високо образован, надарен со исклучителни способности и ценет член на народниот совет. Како и многу други, и тој бил поттикнат од Исусовото учење. Иако богат, учен и ценет, тој бил необично привлечен од скромниот Назареќанец. Поуките што ги слушнал од усните на Спасителот оставиле на него длабок впечаток и сакал што повеќе да дознае за тие прекрасни вистини. {КВ 167.1}

Манифестирањето на Христовиот авторитет при чистењето на храмот предизвикало решителна омраза кај свештениците и поглаварите. Тие се плашеле од силата на овој туѓинец. Таква смелост на еден непознат Галилеец не смеела да се трпи. Тие одлучиле да стават крај на Неговото дело. Меѓутоа, сите не биле едногласни во поглед на таа цел. Некои се плашеле да се спротивстават на Оној, Кој толку очигледно постапувал под влијание на Божјиот Дух. Тие се сеќавале како пророците биле убивани

затоа што ги жигосувале гревовите на водачите во Израел. Знаеле дека ропството на Израел било последица од тврдоглавоста со која тие ги отфрлале Божјите укори. Стравувале дека свештениците и поглаварите, ковајќи завера против Исуса, ќе тргнат по патот на своите татковци и ќе навлечат нови несреќи врз нацијата. Никодим ги делел тие чувства. А за време на едно советување на Синедрионот, кога се размислувало за тоа каков став треба да се заземе кон Исуса, Никодим советувал претпазливост и умереност. Тој истакнал дека доколку Бог навистина му доделил власт на Исуса, тогаш би било опасно да се отфрлат Неговите опомени. Свештениците не се осмелувале да го отфрлат тој совет и извесно време не преземале никакви отворени мерки против Спасителот. {КВ 167.2}

Откако слушнал за Исуса, Никодим грижливо ги проучувал пророштвата што се однесувале на Месијата и колку повеќе пребарувал, толку посилно било неговото убедување дека Тој е Оној, Кој треба да дојде. Како и многу други во Израел и тој бил тажен поради обесветувањето на храмот. Бил сведок на настанот кога Исус ги истерал продавачите и купувачите; видел чудесно манифестирање на божествената сила; видел како Спасителот ги прима сиромашните и ги исцелува болните; ги видел нивните радосни погледи и ги слушнал нивните зборови на благодарност; затоа не можел да се сомнева во тоа дека Исус од Назарет навистина е Божји Пратеник. {КВ 168.1}

Многу посакувал да разговара со Исуса, но се плашел да го побара јавно. Би било премногу понижувачки таков израелски поглавар да признае дека ја одобрува работата на еден толку малку познат учител. Кога Синедрионот би дознал за неговата посета, би се изложил на нивниот презир и осуда. Одлучил тајно да го посети Исуса, оправдувајќи го тоа со причината дека многу други ќе го следат неговиот пример, кога тоа би било јавно. Распрашувајќи се добро за местото на коешто Исус се повлекувал на Маслиновата Гора, чекал додека градот не потонал во сон, а потоа го побарал. {КВ 168.2}

Во Христово присуство Никодим чувствувал некоја чудна плашливост, која се обидувал да ја сокрие под призвук на присебност и достоинство. „Рави!“ рекол „знам дека Ти си учител дојден од Бога, зашто никој не може да ги прави чудесата што ги правиш ти, ако Бог не е со него”. Зборувајќи за посебните Христови дарови како учител и за Неговата прекрасна сила да прави чуда, се надевал дека ќе го приготви патот за разговор. Неговите зборови имале намера да изразат и предизвикаат доверба, но всушност изразувале неверие. Тој не го признавал Исус за Месија, туку само за учител испратен од Бога. {КВ 168.3}

Наместо да го прими овој поздрав, Исус го спуштил погледот на соговорникот како да ја чита неговата душа. Во Својата бесконечна мудрост, пред Себе видел човек што ја бара вистината. Знаел за целта на неговата посета, па со желба да го продлабочи убедувањето коешто веќе се јавувало во умот на Неговиот слушател, преминал непосредно на работата, велејќи свечено, но благо: „Вистина, вистина ти велам; оној што нема да се роди одозгора, не може да го види Божјото царство”. (Јован 3:3) {КВ 168.4}

Никодим дошол кај Спасителот со желба да дискутира со Него, но Исус го упатил на основното начело на вистината. „Теоретското сознание не е она што тебе ти недостига, туку духовна обнова. Тебе не ти е потребно да ја задоволиш својата љубопитност, туку да имаш ново срце. Мораш да примиш нов живот одозгора пред да научиш да го цениш она што е небесно. Сè додека не настапи оваа промена, преку која се обновува сè во

душата, дискусијата за Мојот авторитет и за Мојата мисија за тебе нема да има спасоносно значење за тебе". {КВ 171.1}

Никодим ја слушнал проповедта на Јован Крстителот за покајанието и за крштевањето и за неговото укажување на Оној, Кој ќе крштева со Светиот Дух. И сам чувствувал дека кај Евреите нема доволно духовност, дека тие во голема мера се робови на лицемерието и световната слава. Се надевал на една подобра духовна состојба при доаѓањето на Месијата. Меѓутоа, веста на Јован не предизвикала во него сознание за сопствената грешност. Бил строг фарисеј и се фалел со своите добри дела. Бил надалеку почитуван заради својата добродушност и дарежливост во одржување на службата во Храмот и сметал дека Божјата благонаклонетост му е осигурена. Бил изненаден од помислата за едно царство, кое е премногу чисто за тој да го види во својата сегашна состојба. {КВ 171.2}

Сликата на преродувањето со која се послужил Исус не му била целосно непозната на Никодим. Луѓето од незнабоштвото, кои се обратиле во израелевата вера, често се споредувани со деца. Затоа сигурно сфатил дека Христовите зборови не треба да се толкуваат буквално. Сметал дека со своето раѓање како Израелец бил сигурен за место во Божјото царство. Мислел дека не му е потребна никаква промена. Затоа се изненадил од зборовите на Спасителот. Бил иритиран што тие толку непосредно се однесувале на него. Фарисејската горделивост се борела со чесната желба на човекот, кој трага по вистината. Се зачудил што Христос така зборува со него, не почитувајќи ја неговата положба на поглавар во Израел. {КВ 171.3}

Изненаден од својата сталоженост, тој му одговорил на Исуса со зборови полни со ирониј: „Како може да се роди човек кога е стар?" Како и многумина други, кои стануваат свесни за острата вистина, тој покажал дека телесниот човек не може да го прими она што е од Божјиот Дух. Во него нема ништо што би одговорило на духовноста, бидејќи духовните нешта ги сфаќаат само оние, кои се духовни. {КВ 171.4}

Меѓутоа, Спасителот не одговарал на ниту еден аргумент со друг аргумент. Подигнувајќи ја раката со свечено, мирно достоинство, Тој со уште поголема убедливост ја повторил вистината: „Вистина, вистина ти велам, оној што нема да се роди од вода и од Дух, не може да влезе во Божјото царство". Никодим знаел дека Исус зборува за крштевање со вода и за обновување на срцето со Божјиот Дух. Бил уверен дека се наоѓа во присуство на Оној, Кого го претскажал Јован Крстителот. {КВ 171.5}

Потоа Христос рекол: „Што е родено од телото, тело е; што е родено од Духот, дух е". По природа срцето е лошо и „кој ќе извади чисто од нечисто? Никој". (Јов 14:4) Никаков човечки изум не може да пронајде лек за грешната душа. „Телесниот ум е во непријателство со Бога, зашто не му се покорува на Божјиот закон, ниту пак може". „Зашто од срцето излегуваат лоши мисли, убиства, прељуби, блудство, кражби, лажни сведоштва, хули". (Римјаните 8:7; Матеј 15:19) Изворот во срцето мора да биде очистен, за да може и потокот да биде чист. Оној што мисли со своите дела и со држење на Законот да го стекне Небото се обидува да направи нешто што е невозможно. Нема безбедност за оној, кој поседува само надворешна вера, облик на побожност. Христијанскиот живот не е преобликување или подобрување на стариот, туку преобразување на природата. Своето „јас" и гревот умираат, и потоа настапува целосно нов живот. Таа промена може да се постигне само со делотворното делување на Светиот Дух. {КВ 172.1}

Никодим сè уште бил збунет, а Исус, со помош на ветрот прикажал што мисли: „Ветерот дува каде што сака и му го слушаш шумот, но не знаеш ниту од каде Доаѓа, ниту каде оди. Така е и со секој човек, кој е роден од Духот". {КВ 172.2}

Ветрот се слуша меѓу гранките од дрвјата и како шушка во лисјата и цветовите, а Сепак е невидлив и никој не знае од каде Доаѓа и каде оди. Така, Светиот Дух делува на срцето. Тоа делување не може подобро да се објасни отколку со невидливото движење на ветрот. Човекот можеби не е во состојба точно да го одреди времето и местото или да се сети на сите околности во процесот на обратување, но тоа не значи дека не се обратил. Христос постојано работи врз срцето со сила што исто така е невидлива како ветрот. Малку по малку, можеби несвесно за оној што ги прима, настануваат впечатоци што ја привлекуваат душата кај Христа. Тие можат да се примат преку размислување за Него, преку читање на Светото Писмо, преку слушање на Речта од жив проповедник. Одненадеж, кога Духот непосредно апелира, душата радосно се предава на Исуса. Многумина тоа го нарекуваат ненадејно обратување, но тоа е последица на долгото додворување на Божјиот Дух последица на трпелив, долготраен процес. {КВ 172.3}

Иако сам по себе е невидлив, ветрот предизвикува ефекти што се гледаат и чувствуваат. Така и влијанието на Духот врз душата се открива во секоја постапка на оној што ја чувствува неговата спасоносна моќ. Кога Божјиот Дух презема контрола врз срцето, животот се преобразува. Грешните мисли се отфрлаат, злите дела се оставаат; љубовта, понизноста и мирот доаѓаат на местото на гневот, зависта и кавгата. Радоста го зазема местото на тагата, а на лицето се одразува небесна светлина. Никој не ја гледа раката, која го зема товарот, ниту ја забележува светлината, која Доаѓа од небесните дворови. Благословот Доаѓа, кога душата преку вера и се предава на Бога. Тогаш таа сила што ниту едно човечко око не може да ја види, создава ново суштество според Божјиот лик. {КВ 173.1}

Невозможно е ограничените умови да го сфатат делото на избавување. Неговата тајна го надминува човечкото сознание, но Сепак оној што преминува од смрт во живот, сфаќа дека тоа е божествена стварност. Почетокот на избавувањето можеме да го дознаеме овде, по пат на лично искуство. Неговите последици достигаат до вечни времиња. {КВ 173.2}

Додека Исус зборувал, неколку зраци на вистина продреле во умот на поглаварот. Омекнувачкото и потчинувачко дејство на Светиот Дух оставило впечаток на неговото срце. Меѓутоа, тој не ги разбрал целосно зборовите на Спасителот. На него не оставил толку силен впечаток неопходноста од преродување, колку начинот на кој се врши тоа. Тој рекол со чудење: „Како може да биде тоа?" {КВ 173.3}

„Ти си учител на Израел и не го знаеш тоа?" запрашал Исус. Човекот кому му е доверено верско воспитување на народот, без сомневање не би требало да биде во незнаење за толку значајни вистини. Исусовите зборови содржеле поука, па Никодим наместо да биде иритиран од отворените зборови на вистината, би требало да има многу поскромно мислење за себеси, поради своето духовно незнаење. Сепак Христос зборувал со такво свечено достоинство и Неговите зборови и израз на лицето манифестирале толку сесрдна љубов, што Никодим не се навредил, кога ја сфатил својата понизна состојба. {КВ 173.4}

Меѓутоа, кога Исус објаснил дека Неговата мисија на Земјата се состои во тоа да воспостави духовно, а не привремено царство, Неговиот слушател се загрижил. Гледајќи го тоа, Исус додал: „Ако не ми верувате, кога ви кажав земни работи, како ќе ми верувате ако ви зборувам за небесни?" Кога Никодим не можел да го сфати

Христовото учење што го објаснува делото на милоста врз срцето, како ќе ја сфати природата на Неговото славно небесно царство? Не разбирајќи ја природата на Христовото дело на Земјата, не можел да го сфати Неговото дело на Небото. {КВ 173.5}

Евреите што Исус ги истерал од храмот тврделе дека се Авраамови деца, но побегнале од присуството на Спасителот, бидејќи не можеле да ја издржат Божјата слава што се манифестирала во Него. Така пружиле доказ дека не биле погодни преку Божјата благодат да учествуваат во светите обреди во храмот. Ревно се труделе да одржат само надворешен изглед на светост, но истовремено ја запоставиле светоста на срцето. Држејќи се за словото на законот, постојано го кршеле неговиот дух. Ним им била неопходна онаа промена што Христос му ја објаснил на Никодим ново морално раѓање, очистување од гревот и обновување на знаењето и на светоста. {КВ 173.6}

Не постоело никакво извинување за слепилото на Израел во поглед на делото на обновување. Под вдахновение на Светиот Дух, Исаија напишал: „Така сите станавме нечисти и сета наша праведност е како извалкана облека". Давид се молел: „Дај ми Боже, чисто срце и обнови во мене вистински дух!" Преку пророкот Езекиел е дадено ветувањето: „Ќе ви дадам ново срце и нов дух ќе вдахнам во вас. Ќе го извадам каменото срце од вашето тело и ќе ви дадам срце од месо. Свој Дух ќе вдахнам во вас за да одите по Моите уредби". (Исаија 64:6; Псалм 51:10; Езекиел 36:26,27) {КВ 174.1}

Никодим ги читал овие места со замаглен ум, но сега почнал да ја сфаќа нивната смисла. Видел дека ниту најстрогото почитување на словото на законот во надворешниот живот не му дава право на човекот да влезе во небесното царство. Според мислењето на луѓето, неговиот живот бил праведен и чесен; но во Христово присуство чувствувал дека срцето му е нечисто и животот несвет. {КВ 174.2}

Никодим бил привлечен кон Христа. Додека му објаснувал што е преродување, Никодим посакал и нему да му се случи таква промена. Како можело да се постигне тоа? Исус одговорил на тоа неизговорено прашање: „Како што Мојсеј ја подигна змијата во пустината, така мора да биде подигнат Синот Човечки, за секој што верува во Него да не загине, туку да има живот вечен". {КВ 174.3}

Тоа била област што ја познавал Никодим. Симболот на подигнатата змија му ја објаснил мисијата на Спасителот. Кога Израелскиот народ умирал од каснувањето на отровните змии, Бог му наредил на Мојсеј да направи змија од бакар и да ја постави на возвишено место среде логорот. Тогаш на цел народ му било објавено дека секој што ќе погледне во змијата ќе остане жив. Израелците знаеле дека сама по себе, змијата нема никаква сила да им помогне. Таа била симбол на Христа. Како што кипот, направен во облик на смртоносна змија бил подигнат за нивно исцелување, така и Тој, Кој бил „во облик на грешно тело" (Римјаните 8:3), требало да биде нивен Откупител. Многу Израелци сметале дека жртвената служба сама по себе има моќ да ги ослободи од гревот. Бог сакал да им покаже дека таа немала повеќе моќ отколку змијата од бронза. Со тоа сакал да ги насочи нивните мисли кон Спасителот. Тие не можеле да сторат ништо сами, било да се работи за исцелување на телесните рани или за ослободување од гревот, туку единствено со вера во Божјиот Дар. Требало да гледаат во Него за да живеат. {КВ 174.4}

Оние кои биле каснати од змии, можеле да се колебаат да погледнат. Можеле да поставуваат прашања каква делотворност може да има во тој симбол од бронза. Тие можеле да побараат научно објаснување, меѓутоа, никакво објаснување не било дадено. Тие морале да ја примат Божјата Реч што им била дадена преку Мојсеј. Да не се погледне, значело да се загине. {КВ 175.1}

Душата не може да се просветли со расправи и дискусии. За да живееме, мораме да гледаме во Христа. Никодим примил поука и не ја заборавил. Го проучувал Светото Писмо на нов начин, не заради теоретски расправи, туку за да прими живот за душата. Потчинувајќи се на водството на Светиот Дух, почнал да го гледа небесното царство. {КВ 175.2}

Денеска постојат илјадници луѓе, кои треба да ја научат истата вистина што му била објаснета на Никодим од примерот со подигнатата змија. Тие мора да се покорат на Божјиот закон доколку сакаат да ја стекнат Неговата благонаклонетост. Кога се повикани да гледаат на Исуса и да поверуваат дека Тој ги спасува единствено преку Својата благодат, тие извикуваат: „Како може да биде тоа?“ {КВ 175.3}

Како Никодим, мораме да настојуваме да влеземе во животот на ист начин, како и најголемите грешници. Освен Христа, „нема друго име под небото дадено на луѓето преку кое можеме да се спасиме”. (Дела 4:12) Преку вера ја примаме Божјата благодат, но верата не е наш Спасител. Со неа ништо не се стекнува. Таа е рака со која се фаќаме за Христа и ги присвојуваме Неговите заслуги, лекот за гревот. Дури и не можеме да се покаеме без помош на Божјиот Дух. Светото Писмо вели за Христа: „Него Бог го издигна со Својата десница да биде Поглавар и Спасител, да му даде на Израел покајание и простување на гревовите”. (Дела 5:31) Покајанието Доаѓа од Христа, исто како и простувањето. {КВ 175.4}

Како тогаш ќе се спасиме? „Како Мојсеј што подигна змија во пустината,“ така е подигнат Синот Човечки за секој што е измамен или каснат од змијата да може да погледне и да живее. „Еве го Божјото Јагне, Кое ги зема на Себе гревовите на светот”. (Јован 1:29) Светлината што свети од крстот ја открива Божјата љубов. Неговата љубов не привлекува кон Него. Ако не се спротивставуваме на оваа привлечна сила, ќе бидеме доведени пред крстот и ќе се покаеме за гревовите, кои го распнале Спасителот. Тогаш Божјиот Дух преку вера буди нов живот во душата. Мислите и желбите се доведуваат во потчинетост на Христовата волја. Срцето и умот се обновуваат според ликот на Оној што дејствува во нас, да си покори сѐ на Себеси. Тогаш Божјиот закон е запишан во мислите и срцето, па можеме да кажеме со Христа: „Наоѓам задоволство да ја творам Твојата волја, О Боже мој”. (Псалм 40:8) {КВ 175.5}

Во разговорот со Никодим, Исус го изложил планот на спасение и Својата мисија во светот. Во ниедна подоцнежна беседа Исус не го изложил толку целосно, чекор по чекор, делото што мора да се изврши во срцата на сите оние што сакаат да го наследат небесното царство. На почетокот на Својата служба, Тој ја открил вистината на еден член на Синедрионот, на разум, кој бил најприемчив, на еден одреден учител на народот. Меѓутоа, поглаварите на Израел не и посакале добредојде на светлината. Никодим ја сокрил вистината во своето срце и во текот на три години од неа се гледало малку плод. {КВ 176.1}

Меѓутоа, Исус ја познавал нивата на која посеал семе. Зборовите упатени таа ноќ на еден слушател на осамената гора, не биле изгубени. Извесен период Никодим не го признавал јавно Христа, но го набљудувал Неговиот живот и размислувал за Неговото учење. На советувањата на Синедрионот, Никодим повеќепати ги спречил намерите на свештениците да го уништат Христа. Кога на крај, Исус бил распнат на крстот, Никодим се сетил на учењето на Маслиновата Гора: „Како Мојсеј што подигна змија во пустината, така мора да биде подигнат Синот Човечки, за секој што верува во Него да не загине, туку да има живот вечен”. Светлината на тој таинствен разговор го осветлувала крстот на Голгота и Никодим во Исуса го видел Спасителот на светот. {КВ 176.2}

По Христовото вознесение, кога учениците биле расеани поради прогонството, Никодим смело стапил во првите редови. Тој го употребил своето богатство за да ја помогне младата црква, иако Евреите се надевале дека таа ќе исчезне по Христовата смрт. Никодим, кој бил толку претпазлив и колеблив, во моментот на опасност бил цврст како карпа; ја поттикнувал верата на учениците и давал средства за спроведување и напредок на евангелското дело. Го презирале и го прогонувале оние, кои порано му укажувале почит. Станал сиромашен во земните добра, но не се поколебал во верата, чиј почеток бил во оној ноќен разговор со Исуса. {КВ 177.1}

Никодим му раскажал на Јован за тој разговор и Јован го запишал со своето перо, за да служи како поука на милиони луѓе. Вистините што тогаш биле изнесени и денес се исто толку значајни, како онаа свечена ноќ во сенките на планината, кога еврејскиот поглавар дошол кај понизниот галилејски Учител, за да научи за патот на животот. {КВ 177.2}

18. „ТОЈ МОРА ДА РАСТЕ"

Оваа поглавје е засновано на Јован 3:22-36.

Влијанието на Јован Крстителот извесен период било посилно од влијанието на поглаварите, свештениците и владетелите. Доколку се прогласел за Месија и доколку би подигнал бунт против Рим, свештениците и народот би се собрале под неговото знаме. Сето она што упатува на славољубието на освојувачите на светот, сатаната бил подготвен да му го наметне на Јован Крстителот. Меѓутоа, иако пред себе имал докази за својата моќ, Јован решително ги одбивал тие сјајни можности. Вниманието што било сосредоточено на него, тој го насочувал на Друг. {КВ 178.1}

Сега видел како бранот на популарност се оддалечувал од него, насочувајќи се на Спасителот. Од ден на ден мноштвото околу него се намалувало. Кога Исус од Ерусалим дошол во областа Јордан, народот се собирал за да го слушне. Многумина Доаѓале заради крштевање и Христос, иако лично не крштевал, одобрувал тој обред да го извршуваат Неговите ученици. На тој начин ставил Свој печат на мисијата на Својот предвесник. Меѓутоа, Јовановите ученици љубоморно ја набљудувале сè поголемата популарност на Исус. Биле подготвени да го критикуваат Неговото дело и набргу, нашле можност за тоа. Помеѓу нив и Евреите се појавил судир околу тоа дали со крштевање се чисти душата од гревот. Тие тврделе дека Исусовото крштевање битно се разликува од Јовановото крштевање. Набргу се судриле со Христовите ученици во поглед на зборовите што треба да се употребуваат при крштевањето, а на крај и во поглед на правото на Христовите ученици да крштеваат. {КВ 178.2}

Јовановите ученици дошле кај него со своите поплаки, велејќи: „Рави, Оној што беше со тебе отаде Јордан, за кого сведочеше ти, ете, Тој крштева и сите одат кај Него". Со тие зборови сатаната сакал да го искуша Јована. Иако неговата мисија веќе била при крај, тој Сепак можел да го попречува Христовото дело. Ако сакал да сочувствува со себеси и да изрази жалост или разочарување што е потиснат, Јован би посеал семе на раздор, би поттикнал завист и љубомора и сериозно би го загрозил напредокот на евангелското дело. {КВ 179.1}

По природа Јован имал мани и слабости својствени за секој човек, но се преобразил од допирот на божествената љубов. Тој живеел во атмосфера која не била заразена со

себичност и желба за слава и високо над отровот на завист. Тој не манифестирал симпатии со незадоволството на своите ученици, туку покажал колку јасно го сфаќа својот однос кон Месијата, колку радосно го дочекал Оној, за Кого го приготвил патот. {КВ 179.2}

Тој рекол: „Не може човек ништо да прими, ако не му е дадено од Небото. Вие сами сте ми сведоци дека реков: 'Јас не сум Христос, туку сум пратен пред Него'. Оној што ја има невестата е младоженец. Но пријателот на младоженецот, кој стои и го слуша, од сè срце се радува што го слуша гласот на младоженецот". Јован се претставил себеси како пријател, кој игра улога на посредник меѓу верниците, подготвувајќи го патот за свадбата. Кога младоженецот ќе ја добие невестата, мисијата на пријателот е завршена. Тој се радува на среќата на оние за чие соединување придонел. Така Јован бил повикан да го упати народот кон Исуса и тој со радост бил сведок на успехот на Спасителовото дело. Тој рекол: „И така оваа моја радост се исполни. Тој мора да расте, а јас да се намалувам". (Јован 3:30) {КВ 179.3}

Гледајќи со вера кон Спасителот, Јован се издигнал до висина на самоодрекување. Тој не се трудел да ги привлече луѓето кон себе, туку да ги издигне нивните мисли сè повисоко и повисоко, сè додека тие не почиваат на Божјото Јагне. Тој бил само еден глас во пустината. Сега со радост прифатил молк и анонимност, за очите на луѓето да бидат вперени кон Светлината на животот. {КВ 179.4}

Оние што се верни на својот повик како Божји весници, нема да бараат почести за себе. Љубовта кон себеси, исчезнува во љубовта кон Христа. Никакво ривалство нема да го попречува драгоценото дело на евангелието. Таквите луѓе увидуваат дека нивното дело е да објават, како што тоа го направил Јован Крстителот: „Еве го Божјото Јагне, Кое ги зема на Себе гревовите на светот". (Јован 1:29) Ќе го издигнат Исуса, а со Него ќе се издигне и човечкиот род. „Вака вели Вишниот и Возвишениот, Кој живее вечно и името му е Свети: 'Престојувам во високо и свето место, но Јас сум и со оној што има скрушен и понизен дух, да го подигнам духот на понизните, да ги оживеам срцата на скрушените'". (Исаија 57:13) {КВ 179.5}

Душата на пророкот, ослободена од своето „јас" била исполнета со божествена светлина. Тој ја видел славата на Спасителот и зборовите што ги изговорил биле многу слични со зборовите што ги изговорил Христос во Својот разговор со Никодим. Јован рекол: „Кој Доаѓа одозгора, тој е над сите; кој е од Земјата, тој е земен и земно зборува. Кој Доаѓа од Небото, тој е над сите... Оној што го прати Бог, зборува Божји зборови, зашто Бог Нему му го дава Духот без мера". Христос можел да каже: „Јас не ја барам Својата волја, туку волјата на Таткото, Кој Ме прати". (Јован 5:30) За Него е објавено: „Ја љубеше правдата, а го мразеше беззаконието; затоа Бог, Твојот Бог, те помаза со масло на радост повеќе од Твоите соучесници". (Евреите 1:9) Таткото „Нему му го дава Духот без мера". {КВ 180.1}

Така е и со Христовите следбеници. Небесната светлина можеме да ја примиме само ако сме подготвени да се ослободиме од своето „јас". Не можеме да го сфатиме Божјиот карактер, ниту да го примиме Христа со вера, ако не се согласиме секоја своја мисла во послушност да му ја покориме на Христа. На сите оние што постапуваат така, им се дава светлина и Свети Дух без мерка. Во Христа „пребива сета полнина на Божеството телесно, а вие сте исполнети во Него". (Колосјаните 2:9,10) {КВ 181.1}

Јовановите ученици изјавиле дека сите одат кај Христа, но Јован, имајќи појасно разбирање, рекол: „Никој не го прима Неговото сведоштво;" мал бил бројот на оние кои биле подготвени да го примат како Спасител од гревот. Меѓутоа, „оној што ќе го

прими неговото сведоштво, потврдил дека Бог е вистинит”. (Јован 3:33) „Кој верува во Синот, има вечен живот”. Нема потреба од расправа дали Христовото или Јовановото крштевање чисти од гревот. Христовата благодат и дава живот на душата. Без Христа, крштевањето е како и секој друг обред, форма без вредност. „Оној што не верува во Синот, нема да има живот”. {КВ 181.2}

Властите во Ерусалим биле известени за успехот на Христовото дело, кое Крстителот го примил со огромна радост. Свештениците и рабините биле љубоморни на Јован, гледајќи дека под негово влијание народот ги напушта синагогите и заминува во пустина, но сега тука бил Оној, Кој имал уште поголема моќ да ги привлече мноштвата. Тие Израелски поглавари не биле подготвени да кажат како Јован: „Тој мора да расте, а јас да се намалувам”. Во нив се разбудила нова одлучност да му стават крај на делото, кое го одвојувало народот од нив. {КВ 181.3}

Христос знаел дека тие нема да штедат напори за да создадат раздор меѓу Неговите и Јовановите ученици. Тој знаел дека се подготвува бура, која ќе го понесе со себе еден од најголемите пророци, кои некогаш му биле дадени на светот. Сакајќи да избегне секаков повод за несогласувања или раздор, Тој тивко престанал со Својата работа и се повлекол во Галилеја. И ние исто така, останувајќи и верни на вистината, треба да се обидуваме да го избегнуваме сето она што би можело да доведе до несогласувања или неслога, зашто, кога тие ќе се појават, резултираат со загуба на души. Секогаш, кога настапуваат околности, кои се закануваат да предизвикаат неслога, ние треба да се угледаме на примерот на Христа и на Јован Крстителот. {КВ 181.4}

Јован бил повикан да биде водач на реформа. Поради тоа, неговите ученици се наоѓале во опасност да го сосредоточат своето внимание на него, сметајќи дека успехот на делото зависи од неговата работа и губејќи го од вид фактот дека тој само бил орудие со чија помош Бог делувал. Меѓутоа, Јовановото дело не било доволно да се постават темелите на христијанската црква. Кога тој ја исполнил својата мисија, морало да се изврши уште едно дело, кое не можело да се оствари со неговото сведоштво. Тоа не го сфатиле неговите ученици. Кога виделе дека Христос дошол да го преземе делото, тие биле љубоморни и незадоволни. {КВ 181.5}

Таква опасност сè уште постои. Господ го повикува човекот на некое дело, а кога човекот го извршува до онаа точка, каде што тоа одговара на неговите способности, Господ повикува други да ја продолжат започнатата задача. Меѓутоа, многумина, како Јовановите ученици, сметаат дека успехот на делото зависи од првобитните работници. Вниманието е сосредоточено на она што е земно, наместо на она што е небесно, се појавува завист, а напредокот на Божјото дело се попречува. Оној, кому на тој начин неоправдано му се укажуваат почести, Доаѓа во искушение да негува самоувереност. Таквиот човек не ја увидува својата зависност од Бога. Тој го поучува народот да се потпре на човечко водство, а со тоа народот паѓа во заблуда и се одвојува од Бога. {КВ 182.1}

Божјото дело не смее да носи печат и натпис на човекот. Од време на време Господ употребува разновидни орудија со чија помош најуспешно можат да се остварат Неговите цели. Среќни се оние, кои имаат волја нивното „јас“ да биде понижено, велејќи со Јован Крстителот: „Тој треба да расте, а јас да се намалувам”. {КВ 182.2}

19. НА ЈАКОВОВИОТ ИЗВОР

Оваа поглавје е засновано на Јован 4:1-42.

На патот кон Галилеја Исус поминал низ Самарија. Било пладне, кога стигнал во прекрасната долина Сихем. На почетокот на таа долина се наоѓал Јакововиот извор. Изморен од патот, Исус седнал да се одмори, додека Неговите ученици отишле да купат храна. {КВ 183.1}

Евреите и Самарјаните биле огорчени непријатели и колку што можеле избегнувале меѓусебна врска. Рабините сметале дека според законот е дозволено тргување со Самарјаните во случај на потреба, но го осудувале секое дружење со нив. Евреинот не би позајмувал од Самарјанин, ниту од него би примал каква и да е услуга, па дури ни парче леб или чаша вода. Купувајќи храна, учениците постапувале соодветно на обичаите на својот народ. Меѓутоа, повеќе од тоа не правеле. Дури ниту на Христовите ученици не им паѓало на ум да бараат некаква услуга од Самарјаните, ниту пак да се обидат на некој начин да им помогнат. {КВ 183.2}

Додека седел покрај изворот, Исус чувствувал исцрпеност од глад и жед. Патувањето од рано наутро било долго, а сега печело пладневното сонце. Жедта уште повеќе се зголемила со помислата на студена, свежа вода, која му била толку близу, а Сепак недостапна, бидејќи немал ни јаже, ни сад, а бунарот бил длабок. Тој ја делел човечката судбина и затоа чекал некој да дојде да нацрпи вода. {КВ 183.3}

Тогаш се приближила една жена Самарјанка и, како да не го забележува Неговото присуство, го наполнила својот сад со вода. Кога се свртела да си оди, Исус побарал од неа вода. Таква услуга на Исток никој не би одбил. На Исток водата се нарекува „Божји дар". Да се напои жеден патник се сметало за толку света должност, што Арапите во пустината би скршнале од својот пат за да ја исполнат. Постоечката омраза помеѓу Евреите и Самарјаните ја спречило Самарјанката да му понуди љубезност на Христа. Сепак Спасителот се трудел да најде клуч за нејзиното срце и со такт, кој бил плод на божествената љубов барал, а не понудил услуга. Понудената услуга можела да биде одбиена, но довербата буди доверба. Царот на вселената и пристапил на таа отфрлена душа и од неа побарал услуга. Оној, Кој го создал океанот, Кој владее со најдлабоките водени површини, Кој ги создал изворите и реките на Земјата, се одморал од заморот на Јакововиот извор и зависел од добрината на една туѓинка да ја изгасне Неговата жед. {КВ 183.4}

Самарјанката видела дека Исус е Евреин. Во своето изненадување таа заборавила да го направи она што Тој ја замолил, но сакала да ја дознае причината за тоа. „Како тоа," рекла таа, „ти Јудеец, бараш од мене, Самарјанка, да пиеш?" {КВ 184.1}

Исус одговорил: „Кога би го знаела Божјиот дар и Кој е Оној што ти вели: Дај ми да пијам; ти би барала од Него и Тој би ти дал жива вода". „Се чудиш што барам толку малечка услуга како што е голтка вода од бунарот крај нашите нозе. Кога би барала од Мене, јас би ти дал да пиеш од водата на вечниот живот". {КВ 184.2}

Самарјанката не ги разбрала Христовите зборови, но го почувствувала нивното возвишено значење. Нејзиното лекомислено однесување почнало да се менува. Претпоставувајќи дека Исус зборува за изворот што се наоѓал пред нив, таа рекла: „Господине, ти немаш со што да нацрпиш, а изворот е длабок; тогаш од каде имаш жива вода? Зар ти си поголем од нашиот татко Јаков, кој ни го даде овој бунар и самиот тој пиеше од него?" Пред себе гледала само еден жеден патник, изморен од патот и правлив од одењето пеш. Во своите мисли го споредила со почитуваниот патријарх Јаков. Таа сметала, што е сосема природно дека ниеден друг извор не може да се спореди со овој што им останал сочуван уште од прататковците. Се сеќавала на

предците од минатото и го очекувала доаѓањето на Месијата, додека Надежта на предците, Самиот Месија се наоѓал пред неа, но таа не го препознала. Колку многу жедни души денес се наоѓаат покрај живиот извор, а Сепак толку далеку го бараат изворот на животот! „Не вели во своето срце: 'Кој ќе се качи на небото?'; (односно да го симне Христа) ниту: 'Кој ќе влезе во бездната?' (односно, да го изведе Христа од мртвите)... Словото е близу до тебе, во твојата уста и во твоето срце... ако исповедаш со својата уста дека Исус е Господ и ако во срцето веруваш дека Бог го воскресна од мртвите, ќе бидеш спасен". (Римјаните 10:6-9) {КВ 184.3}

Исус не одговорил веднаш на прашањето што се однесувало на Него, туку со свечена сериозност рекол: „Секој што пие од оваа вода, пак ќе ожедни; а кој пие од водата што ќе му ја дадам Јас, нема никогаш да ожедни, туку водата што ќе му ја дадам Јас ќе стане во него извор на вода што тече во живот вечен". {КВ 187.1}

Оној што бара да ја згасне својата жед на изворите на овој свет, ќе пие и пак ќе биде жеден. Луѓето насекаде се незадоволни. Тие копнеат по нешто што ќе ја задоволи потребата на душата. Само Еден може да ја задоволи таа потреба. Потребата на светот „Копнежот на сите народи" е Христос. Божествената благодат која само Тој може да ја даде тоа е живата вода што чисти, освежува и ја закрепнува душата. {КВ 187.2}

Исус со ништо не навестил дека на оној, кој е жеден за водата на животот ќе му биде доволно само еднаш да се напие. Оној што еднаш ќе ја вкуси Христовата љубов, тој постојано копнее да добие повеќе, но и не бара ништо друго. Него не го привлекуваат богатствата, почестите и задоволствата на овој свет. Постојаниот повик на Неговото срце е: „Повеќе од Тебе". А Оној, кој и ги открива на душата нејзините потреби, чека да ја задоволи нејзината глад и жед. Секој човечки извор и секое надевање во човекот се чини недоволно. Сите резервоари можат да се исцрпат, бунарите да се испразнат, но нашиот Спасител е непресушен извор од Кој можеме да се напиеме и од Кој секогаш ќе наоѓаме свежа вода. Оној во кого живее Христос, тој има во себе извор на благослови „извор на вода што тече во живот вечен". Од овој извор тој може да црпи сила и благодат доволни за сите негови потреби. {КВ 187.3}

Кога Исус зборувал за живата вода, жената го набљудувала со чудење и внимание. Тој го разбудил нејзиниот интерес и таа посакала да го добие дарот за кој зборувал Тој. Таа сфатила дека Тој не зборува за водата од Јаковвиот извор, бидејќи таа постојано ја употребувала таа вода пиела, но и повторно ожеднувала. Таа рекла: „Господине, дај ми ја таа вода да не жеднеам повеќе и да не Доаѓам ваму по вода". {КВ 187.4}

Тогаш Исус брзо го променил предметот на разговор. Пред оваа душа да може да го прими дарот што Тој копнеел да и го подари, таа морала да ги увиди своите гревови и да го познае својот Спасител. Тој и рекол: „Оди повикај го својот сопруг и врати се ваму". Таа одговорила: „Немам сопруг". Се надевала дека на тој начин ќе ги избегне сите прашања во тој поглед. Но Спасителот продолжил: „Добро кажа, немам сопруг; зашто си имала пет сопрузи, а оној што го имаш сега не ти е сопруг; право рече". {КВ 187.5}

Самарјанката затреперила. Некоја таинствена рака ги вртела страниците на историјата на нејзиниот живот, откривајќи го она што се надевала дека засекогаш ќе остане скриено. Кој е Овој што можел да ги чита тајните на нејзиниот живот? Нејзе и дошле мисли за вечноста, за идниот суд, кога сето она што е сега скриено ќе биде откриено. Во оваа светлина се разбудила нејзината совест. {КВ 187.6}

Не можела ништо да негира, но се трудела да го избегне споменувањето на нешто што и е толку непријатно. Со длабока почит таа рекла: „Господине, гледам дека Ти си

пророк”. Потоа, надевајќи се дека ќе ја замолчи совеста, почнала да зборува за некои спорни верски точки. Ако Тој е пророк, сигурно може да и даде упатства за тие прашања, кои толку долго биле спорни. {КВ 188.1}

Исус трпеливо дозволил Самарјанката да го насочи разговорот во насока во која сакала. Во меѓувреме чекал можност да ја влее вистината во нејзиното срце. Таа рекла: „Нашите татковци се поклонуваа на оваа гора, а вие велите дека во Ерусалим е местото, каде што треба да се поклонуваме”. Токму пред нивните очи се наоѓала гората Гаризим. Храмот на неа бил срушен, останал само олтарот. Тоа место на богослужение било предмет на расправа меѓу Евреите и Самарјаните. Некои предци на самарјанскиот народ некогаш му припаѓале на Израел, но поради нивните гревови Господ дозволил да ги победи еден идолопоклонички народ. Во текот на многу поколенија тие се мешале со идолопоклониците, чија вера постепено ја заразила нивната вера. Навистина, тие сметале дека нивните идоли треба само да ги потсетуваат на живиот Бог, Владетелот на вселената, но народот Сепак бил наведен да има стравопочитување на нивните кипови. {КВ 188.2}

Кога за време на Ездра, храмот во Ерусалим бил повторно граден, Самарјаните сакале да се здружат со Евреите во неговото подигање. Таа нивна желба била одбиена и помеѓу овие два народа избила огорчена омраза. Самарјаните подигнале соперници храм на гората Гаризим. Тука имале богослуженија соодветно со Мојсеевите церемонии, иако целосно не се откажале од идолопоклонството. Меѓутоа, ги снаоѓале несреќи; нивните непријатели им го срушиле храмот и изгледало дека се наоѓаат под проклетство. Сепак, тие цврсто се држеле за своите традиции и своите форми на богослужение. Не го признавале храмот во Ерусалим како Божја куќа, ниту пак признавале дека религијата на Евреите е посупериорна од нивната. {КВ 188.3}

Одговарајќи и на Самарјанката, Исус рекол: „Веруај ми, Доаѓа час, кога нема да му се поклонувате на Таткото, ниту на оваа гора, ниту во Ерусалим. Вие не знаете на што се поклонувате; ние знаеме на што се поклонуваме, зашто спасението Доаѓа од Евреите“. Исус покажал дека Тој немал никакви еврејски предрасуди против Самарјаните. Сега се трудел да ги отстрани предрасудите на Самарјаните против Евреите. Навестувајќи го фактот дека идолопоклонството ја расипало верата на Самарјаните, Тој истовремено рекол дека големите вистини за спасението им биле доверени на Евреите и дека меѓу нив ќе се појави ветениот Месија. Во светите списи го имале јасно прикажан Божјиот карактер и начелата на Неговото владеење. Исус се сместил Себеси меѓу Евреите, како оние на кои Бог им дал знаење за Себе. {КВ 188.4}

Исус сакал мислите на Самарјанката да ги издигне над нештата во врска со формата, церемониите, како и спорните прашања. Тој рекол: „Доаѓа час и веќе е тука, кога вистинските поклоници ќе му се поклонуваат на Таткото во дух и вистина, зашто Таткото сака такви поклоници. Бог е Дух и оние што му се поклонуваат, мора да му се поклонуваат во дух и во вистина”. {КВ 189.1}

Овде е објавена истата вистина што му ја открил Исус на Никодим, кога рекол: „Ако некој не се роди одозгора, не може да го види Божјото царство”. (Јован 3:3) Никој не може да дојде во врска со Небото со тоа што копнее по некоја света планина или по некој свет храм. Верата не смее да се ограничи на надворешни облици и церемонии. Верата што Доаѓа од Бога е единствената вера која води кон Бога. За да му служиме на Бога како што треба, мораме да бидеме родени од божествениот Дух. На тој начин се чисти срцето и се обновува умот, така што не оспособува да го запознаеме и да го љубиме Бога. На тој начин доброволно се покоруваме на сите Негови барања. Тоа е

вистинско обожавање на Бога. Тоа е плод на делување на Светиот Дух. Духот проникнува во секоја искрена молитва, а таквата молитва Бог ја прифаќа. Секогаш, кога душата посегнува по Бога, тука се забележува влијанието на Светиот Дух и Бог и се открива на таквата душа. Тој бара такви поклоници. Тој чека да ги прими и да ги направи свои синови и ќерки. {КВ 189.2}

Разговарајќи со Исуса, Самарјанката била импресионирана од Неговите зборови. Никогаш не слушнала дека свештениците од нејзиниот народ или еврејските свештеници да изразуваат такви чувства. Кога пред очите и се појавил нејзиниот дотогашен живот, таа станала свесна за својот голем недостаток. Таа ја сфатила жедта на својата душа, жед, која сихарскиот извор никогаш не би можел да ја изгаси. Ништо со што дотогаш Доаѓала во допир толку не ја разбудило нејзината потреба за нешто повозвишено. Исус ја уверил дека ги читал тајните на нејзиниот живот, а таа Сепак чувствувала дека Тој и е пријател што сочувствува со неа и што има љубов кон неа. Иако самата чистота на Неговото присуство го осудувала нејзиниот грев, Тој не изговорил ниту еден збор на осуда, туку и зборувал за Својата благодат, која може да ја обнови душата. Таа почнала да има одредено убедување за Неговиот карактер. Во нејзината душа се појавило прашањето: „Дали можеби ова е долгоочекуваниот Месија?“ Му рекла: „Знам дека ќе дојде Месија, наречен Христос. Кога ќе дојде Тој сè ќе ни каже”. Исус одговорил: „Јас сум, Кој зборувам со тебе”. {КВ 189.3}

Кога Самарјанката ги слушнала овие зборови, во нејзиното срце се родила вера. Го прифатила прекрасното објавување од усните на божествениот Учител. {КВ 190.1}

Умот на оваа Самарјанка бил во состојба да може да цени. Таа била подготвена да го прими најблагородното откровение, бидејќи се интересирала за светите списи, а Светиот Дух ја подготвил нејзината душа да прими повеќе светлина. Таа ги проучувала ветувањата од Стариот завет: „Пророк, како што сум јас, од твојата средина, од твоите браќа, ќе ти подигне твојот Господ Бог. Него слушајте го”. (Второзаконие 18:15) Копнеела да го сфати тоа пророштво. Светлината веќе блескала во нејзиниот ум. Водата на животот, духовниот живот што Христос и го дава на секоја жедна душа, почнала да извира во нејзиното срце. Господовиот Дух работел со неа. {КВ 190.2}

Јасните зборови што Христос и ги упатил на оваа жена не можеле да им бидат упатени на самоправедните Евреи. Христос бил многу повоздржан, кога ним им се обраќал. Она што неа и било откриено, тоа им било скратено на Евреите, а на учениците им било кажано дека тоа мораат да го држат во тајност. Исус видел дека таа ќе го употреби своето знаење за да придобие и други да учествуваат во Неговата благодат. {КВ 190.3}

Кога се вратиле од својата задача, учениците се изненадиле, гледајќи дека нивниот Учител разговара со жената. Тој не ја земал освежителната вода што ја барал, ниту пак го прекинал разговорот за да земе од храната што ја донеле Неговите ученици. Кога жената заминала, учениците го молеле Исуса да јаде. Виделе дека е молчалив, задлабочен, потонат во длабоко размислување. Светлина блескала на Неговото лице и учениците се плашеле да ја прекинат Неговата заедница со Небото. Меѓутоа, знаејќи дека е исцрпен и изморен, сметале дека е нивна должност да го потсетат на Неговите телесни потреби. Уважувајќи ја нивната нежна грижа, Тој рекол: „Јас имам храна за јадење, што вие не ја знаете”. {КВ 190.4}

Учениците се чуделе кој можел да му донесе храна, но Тој им објаснил: „Мојата храна се состои во тоа да ја извршувам волјата на Оној што ме прати и да го извршам Неговото дело”. (Јован 4:34) Исус се радувал што со Своите зборови ја разбудил совеста

на оваа жена. Ја видел како ја пие водата на животот и затоа Неговата глад и жед биле задоволени. Извршувањето на мисијата заради која го напуштил Небото, го закрепнало Спасителот во Неговата работа и го издигнало над човековите секојдневни потреби. Да се задоволат потребите на душата што е гладна и жедна за вистината, за Него било многу поважно од јадењето и пиењето. За Него тоа било утеха и освежување. Добродетелството било живот за Неговата душа. {КВ 190.5}

Нашиот Спасител жеднее за препознавање. Тој е гладен за наклонетост и љубов од оние коишто ги купил со Својата крв. Со неискажлива желба копнее да дојдат кај Него и да имаат живот. Како што мајката очекува насмевка на препознавање од своето новороденче, која зборува за будење на разумот, така и Христос очекува израз на благодарност и љубов, кој покажува дека во душата започнал духовен живот. {КВ 191.1}

Жената била исполнета со радост додека ги слушала Христовите зборови. Речиси била совладана од чудесното откровение. Оставајќи го својот сад, се вратила во градот да им ја однесе веста и на другите. Исус знаел зошто отишла. Фактот дека го оставила својот сад јасно покажувал колкаво било влијанието на Исусовите зборови. Таа имала искрена желба во душата да стекне жива вода и таа заборавила зошто дошла на изворот, заборавила за жедта на Спасителот, која имала намера да ја задоволи. Со срце што кипело од радост, брзала по патот да им ја однесе на другите светлината што ја примила. {КВ 191.2}

„Дојдете да го видите човекот што ми кажа сè што сум сторила," им рекла на луѓето во градот. „Да не е тоа Христос?" Нејзините зборови ги допреле нивните срца. Нејзиното лице имало некој нов израз, а целата нејзина појава покажувала промена. Тие посакале да го видат Исуса. „Тие излегоа од градот и дојдоа кај Него". {КВ 191.3}

Исус сè уште седел покрај изворот и ги набљудувал житните полиња што се простирале пред Него и чие нежно зеленило го милувала златната сончева светлина. Покажувајќи им ја на учениците таа сцена, Тој истата ја употребил како симбол: „Не велите ли вие дека уште четири месеци ќе настапи жетва? Еве, ви велам: Подигнете ги очите и видете ги нивите како побелеле за жетва!" Додека зборувал, ги набљудувал групите што пристигнувале на бунарот. До жетвата имало уште четири месеци, но овде веќе узреала жетвата за жетварите. {КВ 191.4}

„Жетварот," рекол Тој „прима плата и собира род за живот вечен, за да се радуваат заедно и сејачот и жетварот". Овде се обистинува поговорката: „Еден сее, а друг жнее". Тука Христос ја истакнал светата служба, која се должни да ја извршуваат пред Бога оние што ќе го примат евангелието. Тие мора да бидат Негови живи претставници. Тој бара нивна лична служба. Било да сееме или да жнееме, ние работиме за Бога. Еден сее семе, друг го собира родот; но и сејачот и жетварот примаат плата. Тие заеднички се радуваат за наградата на својот труд. {КВ 191.5}

Исус им рекол на Своите ученици: „Јас ве пратив да жнеете таму, каде што не сте се труделе; други се трудеа, а вие влеговте во нивниот труд". Спасителот овде однапред ја видел големата жетва на денот Педесетница. Учениците тоа не смееле да го сметаат за резултат на нивните напори. Тие влегле во трудот на други луѓе. Почнувајќи од Адамовиот грев, Христос им го доверувал семето на Својата Реч на Своите избрани слуги да го посеат во човечките срца. Една невидлива, но семоќна сила делувала тивко, но делотворно, за да произведе жетва. Росата, дождот и сонцето на Божјата благодат се дадени да го залеваат и да го хранат семето на вистината. Христос се подготвувал да го залее семето со Својата сопствена крв. Неговите ученици ја имале предноста да бидат Божји соработници. Биле соработници на Божјиот Син и на светите луѓе од

дамнина. Со излевање на Светиот Дух на Педесетница, илјадници биле обратени во еден ден. Тоа бил резултатот на Христовото сеење, тоа била жетвата на Неговата работа. {КВ 192.1}

Во зборовите изговорени на жената на изворот било посеано добро семе и колку брзо настапила жетвата! Самарјаните дошле, го слушале Христа и поверувале во Него. Собирајќи се околу Него на изворот, тие го опсипале со прашања и жедно ги примале Неговите објаснувања за многу прашања што им биле нејасни. Додека слушале, нивната збунетост постепено исчезнувала. Прилегале на луѓе, кои биле во длабока темнина и кои, тргнувајќи по неочекуван зрак светлина, излегле на светлината на денот. Но тие не биле задоволни од таа кратка средба, сакале да слушнат повеќе и нивните пријатели да го слушнат прекрасниот Учител. Го повикале во својот град и го молеле да остане со нив. Исус два дена престојувал во Самарија и уште многу други поверувале во Него. {КВ 192.2}

Фарисеите ја презирале Исусовата едноставност. Тие ги игнорирале Неговите чуда и барале некој знак дека Тој е Божји Син. Меѓутоа, Самарјаните не барале никаков знак и Исус меѓу нив не извршил никакво чудо, освен што на изворот и ги открил на Самарјанката тајните на нејзиниот живот. Сепак, многумина го примиле. Во својата нова радост, тие и рекле на жената: „Сега не веруваме поради твоето кажување, бидејќи сами чувме и знаеме дека Тој навистина е Христос, Спасителот на светот”. {КВ 192.3}

Самарјаните верувале дека Месијата ќе дојде не само како Спасител на Евреите, туку на целиот свет. Светиот Дух го претскажал Него преку Мојсеј, како пророк испратен од Бога. Преку Јаков било претскажано дека кон Него ќе се соберат народите, а преку Авраам дека во Него ќе бидат благословени сите народи на светот. На тие записи народот на Самарија ја засновал својата вера во Месијата. Фактот дека Евреите погрешно ги толкувале подоцнежните пророци, припишувајќи му ја на првото Христово доаѓање славата на второто доаѓање, ги навело Самарјаните да ги отфрлат сите свети списи, освен оние, кои се дадени преку Мојсеј. Меѓутоа, кога Спасителот ги отфрлил тие лажни толкувања, многумина ги прифатиле подоцнежните пророштва и Христовите зборови за Божјото царство. {КВ 193.1}

Исус почнал да го руши ѕидот што ги делел Евреите од незнабошците и да го проповеда спасението на светот. Иако бил Евреин, Тој слободно се мешал со Самарјаните, не придавајќи никаква важност на фарисејските обичаи на Својот народ. И покрај нивните предрасуди, Тој го прифатил гостопримството на тој презрен народ. Спиел под нивен покрив, јадел со нив на нивните трпези земајќи храна што ја подготвувале и послужувале нивните раце, проповедал по нивните улици и се однесувал кон нив со најголема љубезност и учтивост. {КВ 193.2}

Во ерусалимскиот храм еден низок ѕид го одвојувал предворјето од сите други делови на светата зграда. На тој ѕид се наоѓале натписи на разни јазици дека само на Евреите им е дозволено да ја преминат оваа граница. Кога некој незнабожец би се осмелил да влезе во внатрешноста на храмот, тој би го обесветил истиот и тој престап би го платил со својот живот. Меѓутоа, Исус основачот на храмот и на неговата служба ги привлекол незнабошците кон Себе со врски на човечко сочувство, додека Неговата божествена благодат им донела спасение што Евреите го отфрлиле. {КВ 193.3}

Исусовиот престој во Самарија бил благослов за Неговите ученици, кои сè уште биле под влијание на еврејската верска нетрпеливост. Тие сметале дека верноста кон сопствениот народ бара од нив негување на непријателство кон Самарјаните. Се чуделе на Христовото однесување. Не можеле да одбијат да се угледаат на Неговиот пример и

за време на дводневниот престој во Самарија заради верност кон Него ги држеле предрасудите под контрола, но во душата не се помириле со тоа. Многу бавно сфаќале дека нивниот презир и омраза мораат да му отстапат место на сочувството и сожалувањето. Меѓутоа, по Христовото вознесување, Неговите поуки им се вратиле во сеќавање со ново значење. По излевањето на Светиот Дух тие се сетиле на Спасителовиот став, Неговите зборови, почит и нежност што ги покажувал кон тие презрени туѓинци. Кога отишол во Самарија да проповеда, Петар го внел тој ист дух во своето дело. Кога бил повикан во Ефес и Смирна, Јован се сетил на доживувањата во Сихар и бил исполнет со благодарност кон божествениот Учител, Кој, предвидувајќи им ги тешкотиите на кои мораат да наидат, им пружил помош со Својот сопствен пример. {КВ 193.4}

Христос сè уште го врши делото што го започнал, кога и понудил на Самарјанката вода на животот. Оние што се нарекуваат Негови следбеници можат да ги презираат и избегнуваат оние што се отфрлени, но никакви околности во врска со раѓањето или народноста, никакви животни услови не можат да ја одвратат Неговата љубов од луѓето. На секоја душа, колку и да е грешна, Исус вели: „Ако побараш од Мене, јас ќе ти дадам жива вода”. {КВ 194.1}

Повикот на евангелие не смее да се ограничи и не смее да се упати само на неколку избрани, кои, како што си претпоставуваме, ќе ни направат чест ако го прифатат. Веста мора да им се даде на сите. Секаде каде што срцата се отворени да ја прифатат вистината, Христос е подготвен да ги поучи. Тој им го открива Таткото и богослужението што е прифатливо за Оној, Кој го чита срцето. За таквите Тој не користи параболи. Ним, како и на жената на изворот, Тој им вели: „Јас сум, Кој зборувам со тебе”. {КВ 194.2}

Кога седнал да одмори покрај Јакововиот извор, Исус Доаѓал од Јудеја, каде што Неговата служба донела малку плод. Свештениците и рабините го отфрлиле, а дури и оние што тврделе дека се Негови следбеници не го препознале неговиот божествен карактер. Бил исцрпен и изморен, а Сепак не ја пропуштил можноста да се обрати само на една жена, иако била туѓинка, странец за Израел, и живеела во отворен грев. {КВ 194.3}

Спасителот не чекал да се собере мноштво. Често ги започнувал Своите поуки само за неколкумина собрани околу Себе, но минувачите, еден по еден, застанувале да слушаат, сè додека не се насобрало мноштво, кое со восхитување и со стравопочитување ги слушало Божјите зборови на Учителот испратен од Небото. Христовиот работник не смее да мисли дека не може со истата срдечност да зборува пред неколку слушатели, како пред еден голем собир. Можеби ќе има само една душа да ја слушне пораката, но кој може да каже колку далекусежно ќе биде нејзиното влијание? Дури и учениците на Спасителот сметале дека е мала работа за Спасителот да го троши Своето време во разговор со Самарјанката. Но, Тој резонирал со неа посрдечно и поелоквентно, отколку со цареви, советници или првосвештеници. Поуките што и ги дал на таа жена биле повторени дури до најоддалечените краеви на земјата. {КВ 194.4}

Веднаш штом го нашла Спасителот, Самарјанката донела други кај Него. Таа се покажала како поуспешен мисионер од Неговите сопствени ученици. Во Самарија учениците не забележале ништо што би укажувало на поволно поле. Нивните мисли биле сосредоточени на едно големо дело што треба да се изврши во иднина. Тие не забележале дека околу нив се наоѓа жетва, која треба се собере. Меѓутоа, преку жената

што тие ја презирале, жителите на цел еден цел град дошле да го слушаат Спасителот. Таа веднаш им ја однела светлината на своите сонародници. {КВ 195.1}

Оваа жена го претставува дејството на практичната вера во Христа. Секој вистински ученик се раѓа за Божјото царство како мисионер. Оној што пие од живата вода, станува извор на животот. Примателот станува давател. Христовата благодат во душата е како извор во пустина што извира да ги освежи сите и кај оние што се близу до смртта да создаде голема желба да пијат од водата на животот. {КВ 195.2}

20. „АКО НЕ ВИДИТЕ ЗНАЦИ И ЧУДА"

Оваа поглавје е засновано на Јован 4:43-54.

Галилејците што се враќале од Пасха донеле со себе извештај за чудесните Исусови дела. Осудата на Неговите постапки од страна на поглаварите во Ерусалим Нему му го отворила патот во Галилеја. Многумина се жалеле поради злоупотребата на храмот и поради алчноста и дрскоста на свештениците. Тие се надевале дека овој Човек, Кој ги натерал поглаварите на бегство, може да е очекуваниот Избавител. Сега им пристигнувале вести, кои изгледа дека ги потврдувале нивните најсветли очекувања. Се зборувало дека пророкот се прогласил Себеси за Месија. {КВ 196.1}

Меѓутоа, жителите на Назарет не верувале во Него. Затоа Исус, на Својот пат кон Кана не го посетил Назарет. Спасителот им рекол на Своите ученици дека пророкот нема чест во својот роден крај. Луѓето судат за карактерот само според она што самите се способни да го ценат. Тесноградите и световните луѓе го оценувале Христа според Неговото скромно потекло, Неговата скромна облека и Неговите секојдневни тешкотии. Тие не можеле да ја ценат чистотата на тој дух, на Кој немало ниту една дамка од грев. {КВ 196.2}

Веста за Христовото враќање во Кана набргу се раширила низ цела Галилеја, донесувајќи со себе надеж на оние што страдале и кои биле во неволја. Во Капернаум вестите го привлекле вниманието на еден еврејски благородник, кој бил во царска служба. Неговиот син боледувал од некоја навидум неизлечива болест. Лекарите го оставиле да умре, но кога таткото слушнал за Исуса, тој одлучил да му се обрати за помош. Детето се наоѓало во многу тешка состојба и се стравувало дека нема да живее до Неговото враќање. Сепак благородникот сметал дека лично мора да му го изнесе случајот. Се надевал дека молбите на еден татко ќе разбудат сожалување кај Големиот Лекар. {КВ 196.3}

Кога стигнал во Кана, го нашол Исуса опкружен со големо мноштво луѓе. Со вознемирено срце, тој се протуркал до Спасителот. Неговата вера се поколебала, кога пред себе видел еден едноставно облечен човек, правлив и изморен од патот. Се посомневал во тоа дека таа Личност може да го направи она за што дошол да го моли. Сепак, му се обратил на Исуса, му кажал зошто дошол и го замолил Спасителот да појде со него до неговиот дом. Меѓутоа, Исус веќе знаел за неговата неволја. Пред благородникот да тргне од својот дом, Спасителот знаел каква неволја го снашла. {КВ 197.1}

Меѓутоа, Исус исто така знаел дека таткото во својот ум поставил услов за својата вера во Него. Ако неговата молба не биде услишена, тој нема да го прими како Месија. Заради тоа, додека благородникот чекал во неизвесност, Исус рекол: „Ако не видите знаци и чуда, не верувате". {КВ 198.1}

И покрај сите докази за тоа дека Исус навистина е Месија, молителот решил својата вера да ја услови со тоа што ќе му се услиши молбата. Спасителот го споредил ова сомневање со едноставната вера на Самарјаните, кои не барале никакво чудо ниту пак знаци. Неговата Реч, секогаш присутен доказ за Неговото божество, имала убедлива моќ, која ги освојувала нивните срца. Христа го болело што Неговиот сопствен народ, кому му било доверено Светото Писмо, не го слушал Божјиот глас, Кој им зборувал преку Неговиот Син. {КВ 198.2}

Сепак, благородникот имал извесна вера, бидејќи дошол да го бара она што го сметал за најдрагоцено од сите благослови. Исус сакал да дарува и повеќе од тоа. Сакал не само да го исцели детето, туку и благородникот и неговото семејство да ги направи учесници во благословите на спасението и да запали светлина во Капернаум, кој многу скоро ќе стане поле на Неговата сопствена работа. Меѓутоа, благородникот морал да ја увиди својата потреба пред да ја посака Христовата благодат. Овој човек на висока положба претставувал многумина од својот народ. Тие се интересирале за Исуса од себични побуди. Се надевале дека ќе добијат некоја посебна корист од Неговата моќ и својата вера ја засновале на остварување на тие земни добра. Тие не ја забележувале својата духовна болест и не увидувале дека им е потребна божествена благодат. {КВ 198.3}

Како блесок на светлина, зборовите на Спасителот упатени на благородникот го разоткриле неговото срце. Тој видел дека побудите што го навеле да го бара Исуса биле себични. Ја согледал својата колеблива вера во нејзината вистинска светлина. Во длабок очај сфатил дека неговото сомневање би можело да го однесе синот во смрт. Знаел дека се наоѓа во присуство на Оној, Кој може да ги чита мислите на човекот и на Кого сè му е можно. Во агонија на својата потреба, тој извикал: „Господине, дојди додека не ми умрело детето". Тој со вера цврсто се фатил за Исуса, како што направил Јаков, кога по борбата со ангелот, извикал: „Нема да те пуштам додека не ме благословиш". (Создавање 32:26) {КВ 198.4}

Како Јаков, и тој преовладал. Спасителот не може да се оддалечи од душата што цврсто се држи за Него, молејќи за својата голема потреба. Тој му рекол: „Оди, твојот син е жив". Благородникот заминал од Спасителот исполнет со мир и радост какви што никогаш порано не доживеал. Не само што цврсто верувал дека неговиот син ќе оздрави, туку со силна доверба верувал во Христа како Откупител. {КВ 198.5}

Во истиот час, оние, кои бдееле над детето што умирало во домот во Капернаум, забележале ненадејна и таинствена промена. Сенката на смртта исчезнала од лицето на Болниот. Црвенилото од треска му отстапило место на благото руменило на здравјето што се враќало. Заматените очи блеснале со интелигенција и во слабото, исцрпено тело повторно се вратила сила. На детето не се задржале никакви знаци од неговата болест. Неговото тело кое горело станало нежно и влажно и детето заспало со спокоен сон. Треската го напуштила во најголемата горештина на денот. Семејството било восхитено и настанала голема радост. {КВ 199.1}

Кана не била толку далеку од Капернаум и благородникот можел да се врати дома вечерта по својот разговор со Исуса. Но, тој не брзал со своето враќање. Дури следното утро стигнал во Капернаум. Какво враќање било тоа! Кога дошол да го бара Исуса, неговото срце било исполнето со тага. Сончевата светлина му изгледала свирепа, песната на птиците како потсмев. Колку поинакви биле неговите чувства! Целата природа имала поинаков изглед. Тој гледал со поинакви очи. Додека патувал во тивкото рано утро, целата природа како да го прославувала Бога заедно со него. Кога се наоѓал

на извесна оддалеченост од својот дом, слугите му излегле во пресрет сакајќи да го отстранат стравот кој, како што верувале, тој сигурно го чувствувал. Меѓутоа, тој не се изненадил од вестите што му ги донеле, туку со длабок интерес, кој тие не го разбирале, ги прашал, кога на детето му станало подобро. Тие одговориле: „Вчера во седмиот час го напушти треската". Во оној ист момент, кога татковата вера се фатила за сигурното ветување: „Твојот син е жив," божествената љубов го допрела детето што умирало. {КВ 199.2}

Таткото побрзал да го поздрави својот син. Тој го притиснал на своите гради, како дете вратено од мртвите и постојано му заблагодарувал на Бога за тоа чудесно оздравување. {КВ 200.1}

Благородникот копнеел да дознае повеќе за Христа. Кога подоцна го слушнал Неговото учење, тој и неговото семејство станале Негови ученици. Нивната неволја резултирала во обратување на целото семејство. Гласините за ова чудо се проширile. Во Капернаум, каде што Христос направил најголем број од своите дела, бил подготвен патот за Неговата лична служба. {КВ 200.2}

Оној, Кој го благословил благородникот од Капернаум, исто така сака да не благослови и нас. Меѓутоа, како и загрижениот татко, и ние често го бараме Исуса затоа што на тоа не наведува желбата за некоја земна благодат и дури откако ќе се исполни нашето барање, покажуваме доверба во Неговата љубов. Спасителот копнее да ни даде поголем благослов отколку што бараме, а го одложува одговорот на нашите барања, за да ни го покаже злото што се наоѓа во нашето срце и нашата длабока потреба од Неговата благодат. Тој сака да се откажеме од себичноста, која не наведува да го бараме. Треба да ја увидиме својата беспомошност и очајна потреба, надевајќи се целосно во Неговата љубов. {КВ 200.3}

Благородникот сакал да види дека неговата молитва е услишена пред да поверува, но морал да го прифати Исусовиот збор дека неговата молитва е услишена и дека му е даден благословот. Таа поука мораме и ние да ја научиме. Не треба да веруваме затоа што гледаме или чувствуваме дека Бог не слуша. Мораме да веруваме во Неговите ветувања. Кога ќе му пријдеме со вера, секоја молитва допира до Божјото срце. Кога го бараме Неговиот благослов, треба да веруваме дека го примаме и да му заблагодариме на Бога што сме го примиле. Потоа треба да ги вршиме своите должности уверени дека благословот ќе дојде кога ни е најмногу потребен. Кога ќе научиме така да постапуваме, ќе знаеме дека молитвите ни се услишени. Бог може да стори за нас „прекумерно изобилно," „според богатството на Својата слава" и „според дејството на Неговата силна моќ". (Ефесјаните 3:20,16; 1:19) {КВ 200.4}

21. ВИТЕЗДА И СИНЕДРИОНОТ

Оваа поглавје е засновано на Јован 5.

„Во Ерусалим, кај Овчата врата, има бања, по еврејски наречена Витезда, со пет тремови. Во нив лежеа мнозина болни, слепи, хроми, кои чекаа водата да се разбрани". {КВ 201.1}

Во одредено време водите во оваа бања се раздвижувале и било распространето верувањето дека тоа било резултат на некоја натприродна сила и дека оној, кој прв ќе влезе во бањата, откако водата ќе се раздвижи, ќе оздрави без оглед од каква болест да боледува. Стотици болни доаѓале во таа бања. Меѓутоа, ги имало толку многу што,

кога водата ќе се раздвижела, секој навалувал да влезе, газејќи сè пред себе, мажи, жени и деца, кои биле послаби од него. Многумина и не можеле да се приближат до бањата. Некои, кои успевале да дојдат до неа, умирале на нејзиниот раб. Околу бањата биле подигнати засолништа за да можат болните да се заштитат од горештините дење и од студот ноќе. Имало и болни, кои минувале неколку ноќи под тие тремови, од ден на ден ползејќи до водата, попусто надевајќи се дека ќе оздраваат. {КВ 201.2}

Исус повторно дошол во Ерусалим. Додека одел сам, размислувал и се молел. Тој дошол до бањата. Видел несреќни и болни, кои чекале на она што го сметале како своја единствена можност да оздраваат. Тој копнеел да ја употреби Својата моќ на исцелување и да го исцели секој болен. Меѓутоа, било сабота. Мноштво луѓе оделе на богослужение во храмот и Исус знаел дека таквото дело на исцелување толку би ги поттикнало предрасудите на Евреите, што би ја сопрело Неговата работа. {КВ 201.3}

Меѓутоа, Спасителот видел еден човек во многу лоша состојба. Тоа бил човек што триесет години бил беспомошен инвалид. Неговата болест во голема мера била последица на неговиот грев и била сметана како Божја казна. Осамен и без пријатели, чувствувајќи дека е исклучен од Божјата милост, овој болен многу години поминал во страдање. Во времето, кога се очекувало водата да се раздвижи, оние кои го сожалувале во неговата немоќ, би го однеле до тремот. Меѓутоа, во соодветниот момент не се нашол никој, кој би можел да му помогне. Тој видел како водата се бранува, но никогаш не бил во состојба да оди подалеку од работ на бањата. Други, посилни од него, скокале во водата пред него. Не можел успешно да се бори со себичната толпа, која навалувала. Неговите истрајни напори насочени кон една единствена цел и неговата вознемиреност и постојаното разочарување брзо ја исцрпувале и онаа малку сила која му преостанала. {КВ 202.1}

Болниот лежел на својот одар и од време на време ја подигнувал главата за да фрли поглед кон водата. Тогаш едно нежно лице со израз на сочувство се наведнало над него и неговото внимание го привлекле зборовите: „Сакаш ли да оздравиш?“ Надежта се разбудила во срцето на Болниот. Почувствувал дека на некој начин ќе му биде пружена помош. Меѓутоа, светлината на охрабрувањето брзо исчезнала. Се сетил колку пати се обидувал да стигне до водата, а сега имал мали изгледи дека ќе живее, додека водата повторно не се разбрани. Се свртел изморено и рекол: „Господине, немам човек да ме спушти во бањата, кога ќе се разбранува водата; а додека дојдам јас, друг слегува пред мене”. {КВ 202.2}

Исус од овој страдалник не барал да покаже вера во Него. Тој едноставно рекол: „Стани, подигни ја својата постела и оди”. Меѓутоа, верата на болниот се фатила за овие зборови. Секој негов нерв и мускул се исполниле со нов живот и здравјето се вратило во неговите осакатени екстремитети. Без приговор, тој се покорил на Христовата наредба и сите негови мускули се покориле на неговата волја. Скокнал на нозе и почувствувал дека е здрав човек. {КВ 202.3}

Исус не му ветил божествена помош. Болниот би можел да се посомнева и на тој начин би ја пропуштил единствената можност да оздрави. Меѓутоа, тој верувал во Христовите зборови и постапувајќи според нив, добил сила. {КВ 203.1}

Со истата вера и ние можеме да стекнеме духовно исцелување. Гревот не одвоил од животот во Бога. Нашите души се парализирани. Сами по себе, ние не сме во состојба да живееме свет живот, како што немоќниот човек не бил способен да оди. Многу луѓе увидуваат дека се беспомошни и копнеат по оној духовен живот, кој ќе ги доведе во склад со Бога; тие попусто се обидуваат да го постигнат тоа. Во очај, тие викаат: „Беден

човек сум јас! Кој ќе ме избави од ова смртно тело?“ (Римјаните 7:24) Нека тие луѓе, кои очајуваат и кои се борат, го подигнат својот поглед. Спасителот се наведнува над оние, кои ги откупил со Својата крв и со неискажана нежност и сочувство вели: „Сакаш ли да оздравиш?“ Тој те повикува да станеш во здравје и мир. Не чекај да почувствуваш дека си исцелен. Верувај во Неговата Реч и таа ќе се исполни. Стави ја својата волја на страната на Христа. Имај волја да му служиш и постапувајќи според Неговата Реч, ќе добиеш сила. Колку и да е зла навиката, какви и да се страстите, кои по долгото попуштање ги врзуваат душата и телото, Христос може и копнее да те ослободи. Тој ќе и даде духовен живот на душата која е „мртва поради престапите”. (Ефесјаните 2:1) Тој му дава слобода на робот, врзан од слабостите, несреќите и синџирите на гревот. {КВ 203.2}

Исцелениот човек се наведнал да ја подигне својата постела, која се состоела од само една простирка и ќебе, а кога се исправил со чувство на огромно задоволство, се завртел околу себе, барајќи го со поглед својот Избавител, но Исус веќе исчезнал во мноштвото. Тој се плашел дека нема да го препознае ако повторно го сретне. Одејќи со цврст, силен чекор, фалејќи го Бога и радувајќи се на својата новооткриена сила, тој сретнал неколку фарисеи и веднаш им раскажал како оздравел. Бил изненаден, кога видел како тие студено го сослушале. {КВ 203.3}

Со смуртени чела тие го прекинале, прашувајќи го зошто ја носи својата постела, во саботен ден. Строго го предупредиле дека не е дозволено да се носи товар во Господовиот ден. Во својата радост, човекот заборавил дека е сабота. Сепак, не чувствувал дека згрешил што се покорил на заповедта на Оној, Кој имал таква моќ од Бога, па смело одговорил: „Оној што ме исцели ми рече: ‘Земи ја својата постела и оди’”. Тие го прашале кој го направил тоа, но тој не можел да им каже. Тие поглавари знаеле дека постоел само Еден, Кој можел да го направи тоа чудо, но сакале да имаат јасен доказ дека тоа бил Исус, за да можат да го осудат за прекршување на саботата. Според нивното фарисејско мислење, Тој не само што го прекршил законот со тоа што излекувал болен во сабота, туку направил сквернавење што му рекол на исцелениот човек да ја носи својата постела во сабота. {КВ 203.4}

Евреите толку го изопачиле законот, што дури го претвориле во ропски јарем. Нивните бесмислени барања станале изрека кај другите нации. Особено саботата била оградена со сите можни бесмислени ограничувања. За нив таа не била радост, свет Господов ден. Книжевниците и фарисеите направиле празнувањето на саботата да стане неподнослив товар. На Евреинот не му било дозволено да запали оган, па дури ниту да запали свеќа во сабота. Поради тоа, тие зависеле од незнабошците за многу услуги, кои нивните правила им забранувале сами да ги прават. Тие не помислувале дека доколку тие постапки значат престап, тогаш и оние што ги вработуваат другите да им направат услуга се исто толку виновни, како самите да ја извршиле. Тие сметале дека спасението е наменето само за Евреите и дека состојбата на другите, бидејќи е веќе безнадежна, не може да биде полоша. Меѓутоа, Бог не дал никаква заповед, која сите не би можеле да ја послушаат. Неговите закони не одобруваат никакви неразумни или себични ограничувања. {КВ 204.1}

Во храмот Исус го сретнал човекот што го излекувал. Тој дошол тука да принесе жртва за грев и жртва на благодарност за големата милост што ја примил. Наоѓајќи го меѓу верниците, Исус му се претставил со зборови на опомена: „Ете, сега си здрав. Не греши повеќе за да не ти се случи нешто уште полошо”. {КВ 204.2}

Излекуваниот човек бил многу среќен, кога го сретнал својот Спасител. Не знаејќи за непријателството кон Исуса, тој им раскажал на фарисеите дека тоа е Оној, Кој го излекувал. „Затоа Евреите го прогонуваа Исуса и го бараа да го погубат, бидејќи тоа го сторил во сабота". {КВ 204.3}

Исус бил изведен пред Синедрионот да одговара за наводно прекршување на саботата. Ако Евреите во тој период биле независен народ, таквото обвинување би им послужило на нивната цел да го погубат Христа. Тоа било оневозможено заради нивната потчинетост кон Рим. Евреите немале право да изречат смртна пресуда, а обвинувањата против Христа не би имале никакво значење пред римскиот суд. Меѓутоа, постоеле и други цели, кои се надевале дека ќе ги постигнат. Наспроти нивното настојување да го осуетат Неговото дело, Христос стекнал, дури и во Ерусалим, поголемо влијание кај народот, отколку што имале тие. Мноштвата, кои немале интерес во осудувачките говори на рабините биле привлечени од Неговото учење. Тие можеле да ги разберат Неговите зборови и нивните срца биле загреани и утешени. Тој не зборувал за Бога како за некој одмаздољубив Судија, туку како за нежен Татко и им го откривал Божјиот лик, Кој се одразувал во Него. Зборовите му биле како мелем за ранетата душа. Со Своите зборови и дела на мислордие, Тој ја кршел угнетувачката моќ на старите традиции и човечките заповеди, и ја прикажувал Божјата љубов во сета нејзина неисцрпност. {КВ 204.4}

Во едно од најраните пророштва за Христа било кажано: „Царскиот жезол нема да се оддели од Јуда, ниту законодавач од неговите нозе додека не дојде Шајло, и во Него ќе се собираат народите". (Создавање 49:10) Народот се собирал околу Христа. Сочувствителните срца на мноштвото примале поуки на љубов и добродетелство претпочитувајќи ги пред строгите обреди што ги барале свештениците. Кога свештениците и рабините не би правеле проблеми, Неговото учење би издејствувало таква реформација, каква што светот никогаш не доживеал. Меѓутоа, поглаварите одлучиле да го уништат Исусовото влијание за да ја сочуваат својата власт. Со изведување на Исуса пред Синедрионот и со јавното осудување на Неговото учење, се надевале дека ќе го постигнат тоа, бидејќи народот сè уште имал многу стравопочит кон своите верски поглавари. Секој, кој би се осмелил да ги осуди рабинските прописи или да го олесни товарот што тие прописи му го предизвикувале на народот, бил сметан за виновник не само за богохулење, туку и за предавство. Рабините се надевале дека врз основа на ова ќе предизвикаат недоверба во Христа. Го прикажувале како некој, кој сака да ги сруши воспоставените обичаи и со тоа да предизвика неслога кај народот и да го подготви патот за целосно подјармување од страна на Римјаните. {КВ 205.1}

Меѓутоа, тој план на чие остварување рабините ревно работеле, потекнувал од еден друг совет, а не од Синедрионот. Бидејќи не успеал да го совлада Христа во пустината, сатаната ги собрал своите сили за да му се спротивстави во Неговата служба и ако е можно да го попречи Неговото дело. Она што не можел да го постигне со непосредни, лични напори, одлучил да го постигне преку стратегија. Откако се повлекол по судирот во пустината, тој заедно со ангелите кои биле во сојуз со него, смислил план уште повеќе да го заслепи разумот на Евреите, за да не го препознаат својот Откупител. Направил план да работи преку своите претставници во верскиот свет, исполнувајќи ги со своето непријателство кон поборникот на вистината. Тој сакал да ги наведе да го отфрлат Христа и да му го направат животот колку што е можно погорчлив, надевајќи се дека со тоа ќе го обесхрабрат во Неговата мисија. И

израелските поглавари станале сатанско орудие во борбата против Спасителот. {КВ 205.2}

Исус дошол да „го возвеличи и прослави законот". Тој не ја намалил неговата достоинственост, туку ја издигнал. Светото Писмо вели: „Тој нема да изнемошти, ниту ќе се обесхрабри, додека не постави суд на Земјата". (Исаија 42:21,4) Тој дошол да ја ослободи саботата од тешките прописи поради кои, наместо благослов, се претворила во проклетство. {КВ 206.1}

Од таа причина ја избрал саботата да го изврши делото на исцелување во Витезда. Можел да го исцели болниот во кој било друг ден во седмицата или едноставно можел да го исцели не кажувајќи му да ја носи својата постела. Меѓутоа, тоа не би му ја пружило можноста што ја посакувал. Секоја постапка на Христовиот живот на Земјата се засновал на некоја одредена цел. Сè што направил Тој било значајно само по себе и по својата поучност. Меѓу страдалниците во бањата го избрал најтешкиот болен на него да ја манифестира Својата моќ на исцелување и му кажал на тој човек да ја носи својата постела низ градот, за да го објави големото дело, кое било извршено над него. На тој начин ќе се поттикне прашањето за тоа што според законот може да се прави во саботен ден и ќе му го отвори патот да ги осуди еврејските ограничувања во врска со Господовиот ден и да ги прогласи нивните традиции за неважечки. {КВ 206.2}

Исус рекол дека делото на исцелување на болните е во склад со законот за саботата, како и со делото и задачата на Божјите ангели, кои постојано се симнуваат и качуваат помеѓу Небото и Земјата, за да му помогнат на човештвото што страда. Исус рекол: „Мојот Татко досега работи и Јас работам". Сите денови се Божји во кои треба да се спроведуваат Неговите планови за човечкиот род. Кога еврејското толкување на законот би било точно, тогаш греши и Јехова, чие дело оживува и го одржува секое живо суштество откако ги поставил темелите на Земјата. Тоа би значело дека Оној, Кој го прогласил Своето дело за добро и Кој ја воспоставил саботата како спомен на завршување на истото, мора да ја сопре Својата работа и да го запре бескрајниот тек на вселената. {КВ 206.3}

Треба ли Бог да му забрани на Сонцето да ја врши својата должност во сабота, да ги скрати своите благотворни зраци, кои ја загреваат Земјата и ги хранат растенијата? Дали движењето на световите мора да запре во тој свет ден? Дали Бог треба да им нареди на потоците да не ги залеваат полињата и шумите и на морските бранови да не создаваат плими и осеки? Дали пченицата и пченката треба да престанат да растат, а зрелиот грозд да го запре руменилото на својата зрелост? Дали дрвјата и цвеќињата не смеат да пупат и да цветаат во сабота? {КВ 206.4}

Во тој случај на луѓето би им недостигале плодовите на земјата и благословите што го прават животот пожелен. Природата мора да го продолжи својот непроменлив тек. Бог, ниту за еден момент не може да ја запре Својата рака, инаку човекот би изнемоштил и би починал. Тој ден и човекот мора да работи. Мора да се обрне внимание на животните потреби, болниот мора да се негува, на сиромашните и страдалниците мора да им се укаже помош. Не е без вина оној што занемарува да ги олесни страдањата во саботниот ден. Божјиот свет ден за одмор е создаден за човекот и делата на милосрдие се во склад со намената на саботата. Бог не сака Неговите созданија ниту за еден час да ги поднесуваат страдањата, кои би можеле да се отстранат во сабота или кој било друг ден. {КВ 207.1}

Барањата кон Бога се дури поголеми во саботата, отколку во другите денови. Неговиот народ тогаш ја напушта својата вообичаена работа и времето го поминува во

размислување и во богослужение. Верниците во сабота бараат од Бога повеќе благонаклонетост, отколку во некој друг ден. Тие бараат Негово посебно внимание и копнеат по Неговите посебни благослови. Бог не чека да помине саботата и дури тогаш да ги услиши тие барања. Небото никогаш не престанува да работи и луѓето никогаш не треба да одмораат од правење добро. Саботата не треба да биде време поминато во некорисна активност. Законот забранува световна работа во Господовиот ден за одмор; работата заради земно задоволство или добивка не е дозволена според законот. Меѓутоа, како што Бог го прекинал Своето дело на создавање и се одморил во сабота и ја благословил, така човекот треба да ги остави своите секојдневни работи и тие свети моменти да ги посвети на здрав одмор, богослужение и свети дела. Христовото дело при исцелувањето на болниот било во совршен склад со законот. Тоа манифестирало почит кон саботата. {КВ 207.2}

Исус изјавил дека во извршување на делата, кои се исто толку свети и според карактерот се истоветни со делата на небесниот Татко, има право да постапува исто како Него. Меѓутоа, тоа уште повеќе ги раздразнило фарисеите. Според нивното толкување, Исус не само што го прекршил законот, туку нарекувајќи го Бога „Свој сопствен Татко," се прогласил Себеси за еднаков со Бога. (Јован 5:18) {КВ 207.3}

Целиот еврејски народ го нарекувал Бога свој Татко и затоа поглаварите толку не би се разгневиле доколку Христос се прикажал Себеси, како да се наоѓа во ист таков однос со Бога. Меѓутоа, самиот факт што го обвиниле за богохулство, покажува дека тие сфатиле оти Тој го полага тоа право во највозвишена смисла. {КВ 207.4}

Тие Христови противници не располагале со никакви докази со кои би ги негирале вистините за кои Тој ја убедил нивната совест. Тие само можеле да ги наведуваат своите обичаи и традиции, а тие докази биле слаби и бледи во споредба со оние што Исус ги црпел од Божјата Реч и од постојаниот тек на природата. Ако чувствувале каква и да е желба да добијат светлина, рабините би биле уверени дека Исус ја зборува вистината. Но тие ги отфрлале доказите што Тој ги изнесувал во поглед на саботата и се труделе да го поттикнат гневот против Него, затоа што тврдел дека е еднаков со Бога. Гневот на поглаварите не познавал граници. Да не се плашеле од народот, свештениците и рабините би го убиле Исуса на самото место. Меѓутоа, наклонетоста на народот кон Него била силна. Многумина во Исуса препознале Пријател, Кој ги исцелил од нивните болести и ги утешил во нивната тага и сметале дека добро постапил што го излекувал болниот во Витезда. На тој начин поглаварите биле принудени извесен период да ја придушуваат својата омраза кон Него. {КВ 208.1}

Исус го одбил обвинувањето за богохулство. „Моја власт е," рекол, „да го извршувам ова дело за кое ме обвинувате, а тоа Доаѓа оттаму што Јас сум Божји Син, што сум едно со Таткото по природа, во волјата и во целта. Во сите Негови дела на создавање и провидение, Јас соработувам со Бога". „Синот не може да стори ништо сам од Себе, туку само она што гледа дека го прави Таткото". Свештениците и рабините го повикале Божјиот Син на одговорност токму за она дело за чие извршување бил испратен. Со своите гревови тие се одвоиле од Бога и во својата горделивост постапувале независно од него. Тие сметале дека се доволно способни за сè и не чувствувале дека им е потребна повозвишена мудрост да управува со нивните постапки. Меѓутоа, Божјиот Син бил подреден на Татковата волја и се потпирал на Неговата сила. Христос толку се испразнил Себеси од Своето ,,јас", што не правел никакви планови за Себе. Тој ги прифатил плановите што Бог ги одредил за Него, а Таткото од ден на ден ги откривал Своите намери. И ние треба во толкава мера да

зависиме од Бога, така што нашиот живот ќе биде едноставно спроведување на Неговата волја. {КВ 208.2}

Кога се подготвувал да го гради светилиштето како Божјо престојувалиште, Мојсеј добил упатства се да направи според она што му било покажано на гората. Мојсеј бил исполнет со ревност да го изврши Божјото дело. Најталентираните, најспособните луѓе биле тука за да ги извршуваат Мојсеевите налози. Сепак, секое звонче, секоја калинка, секоја ресичка, секој раб, секоја завеса и секој сад во светилиштето морале да одговараат на примерокот што му бил покажан. Бог го повикал на гората и му ги открил небесните работи. Господ го осветлил со Својата слава за да може да го види примерокот, според кој се направени сите предмети. Така на Израел, на тој народ во чија средина сакал да направи Свое престојувалиште, Бог му го открил Својот величествен идеал на карактерот. Примерокот е покажан на планината, кога е даден законот на Синај и кога Господ, поминувајќи покрај Мојсеј, објавил: „Господ, Господ Бог, милостив, жалостив, долготрпелив, богат со добрина и вистина, Кој им укажува милост на илјадници, ги простува беззаконијата, неправдите и гревовите". (Излез 34:6,7) {КВ 208.3}

Израелците го избрале својот пат. Тие не sидале според образецот. Меѓутоа, Христос вистинскиот храм за Божјо престојувалиште, ја обликувал секоја поединост од Својот земен живот во сообразност со Божјиот идеал. Тој рекол: „Наоѓам задоволство да ја творам Твојата волја, о мој Боже; Законот Твој го носам во срцето". (Псалм 40:8) Така и нашиот карактер треба да биде изграден за „живеалиште Божјо преку Духот". (Ефесјаните 2:22) Ние треба да „направиме сè според образецот," по углед на Оној, „Кој пострада за нас и нам ни остави пример да одиме по Неговите стапки". (Евреите 8:5; 1. Петрово 2:21) {КВ 209.1}

Христовите зборови не учат дека сме неразделно поврзани со нашиот небесен Татко. Во каква било ситуација да се наоѓаме, ние зависиме од Бога, Кој во Свои раце ја држи судбината на секој од нас. Тој ни дал задача и не надарил со способности и средства за извршување на тоа дело. Сè додека се покоруваме на Божјата волја и се надеваме во Неговата сила и мудрост, Тој ќе не води по сигурни патеки, за да го исполниме нашиот дел во Неговиот голем план. Меѓутоа, оној што се потпира на сопствената мудрост и сила, себеси се одвојува од Бога. Наместо да работи во складност со Христа, таквиот човек ги исполнува целите на непријателот на Бога и на човекот. {КВ 209.2}

Спасителот продолжил: „Што прави Тој (Таткото), тоа го прави и Синот... Како Таткото што воскреснува од мртви и оживува, така и Синот ги оживува оние, коишто сака". Садукеите сметале дека телото не може да воскресне, а Исус рекол дека едно од најголемите дела на Неговиот Татко е воскреснувањето на мртвите и дека и Тој сам има моќ тоа да го прави. „Доаѓа час и веќе е тука, кога мртвите ќе го чујат гласот на Божјиот Син и кога ќе го чујат, ќе оживеат". Фарисеите верувале во воскресение на мртвите. Христос рекол дека меѓу нив е силата што им дава живот на мртвите и дека тие ќе видат манифестирање на таа моќ. Истата таа сила на воскресение им дава живот на сите што се „мртви во престапи и гревови". (Ефесјаните 2:1) Тој дух на живот во Исуса Христа, „силата на Неговото воскресение," ги ослободува луѓето „од законот на гревот и смртта". (Филипјаните 3:10; Римјаните 8:2) Власта на злото е нарушена, а душата преку вера е чувана од гревот. Оној, кој го отвора своето срце на Христовиот Дух, станува учесник во силната моќ, која ќе го подигне неговото тело од гробот. {КВ 209.3}

Понизниот Назареќанец, тогаш го открил Своето благородничко потекло. Тој се издигнал над човештвото, ги отфрлил облеките на гревот и срамот и се открил како Оној, Кого ангелите го почитуваат како Божји Син, Кој е едно со Творецот на вселената. Неговите слушатели биле потресени. Никогаш човек не изговорил такви зборови, како што Тој изговорил тогаш, ниту некој некогаш имал толку величествено царско држење. Неговите зборови биле јасни и разбирливи, тие во целост ја објавувале Неговата мисија и должност на светот. „Зашто Таткото не суди никому, туку сиот суд му го даде на Синот за сите да го почитуваат Синот, како што го почитуваат Таткото. Кој не го почитува Синот, не го почитува ни Таткото, Кој го прати... Зашто, како Таткото што има живот во Себе, така и на Синот му даде да има живот во Себе и му даде власт да суди, зашто е Син Човечки“. {КВ 210.1}

Свештениците и поглаварите се прогласиле за судии, кои ќе го осудат Христовото дело, но Тој изјавил дека Тој е нивен судија, како и судија на целата вселена. Светот му е доверен на Христа и преку Него Доаѓа секој Божји благослов за грешниот човечки род. Тој бил Спасител и пред и по Своето отелотворување. Веднаш штом се појавил гревот, се појавил и Спасителот. Тој на секому му дал светлина и живот, и според дадената светлина ќе му се суди секому. Оној, Кој ја дал светлината, Оној, Кој со најнежно молење ја повикува душата, сакајќи да ја оттргне од гревот и да ја привлече во светоста Тој истовремено е нејзин и Бранител и Судија. Откако на Небото започнала големата борба, сатаната го одржува своето дело со помош на измама, а Христос требало да ги разоткрие неговите планови и да ја скрши неговата моќ. Тој се спротивставил на измамникот и низ сите векови настојувал да ги ослободи робовите од неговите канџи. Тој ќе изрече суд над секоја душа. {КВ 210.2}

И Бог „му даде власт да суди, зашто е Син Човечки”. Затоа што до дно ги искусил човечките страдања и искушенија, затоа што ги разбира слабостите и гревовите на човекот, затоа што заради нас победоносно им се спротивставил на сатанските искушенија, затоа што праведно и нежно постапува со душите заради чие спасение ја пролеал Својата крв заради сето тоа на Синот Човечки му е дадена власт да суди. {КВ 210.3}

Меѓутоа, Христовата мисија не била за да суди, туку да ги спасува луѓето. „Бог не го испрати Својот Син на светот за да му суди на светот, туку светот да се спаси преку Него”. (Јован 3:17) Пред Синедрионот Исус изјавил: „Оној што ја слуша Мојата Реч и му верува на Оној што ме прати, има живот вечен. Тој не Доаѓа на суд, туку преминал од смрт во живот”. (Јован 5:24) {КВ 210.4}

Повикувајќи ги своите слушатели да не се восхитуваат на тоа, Христос уште повеќе им ги отворил погледите во поглед на тајната на иднината. „Доаѓа час,“ рекол Тој, „кога сите што се во гробовите ќе го чујат Неговиот глас и ќе излезат од нив: Кои правеле добро во воскресение за живот, а кои правеле зло во воскресение за суд”. (Јован 5:28, 29) {КВ 211.1}

Тоа ветување за иден живот било она на што Израелците толку долго чекале и на што се надевале дека ќе го добијат при доаѓањето на Месијата. Сега ги осветлила единствената светлина што може да ја осветли темнината на гробот. Самоволието е слепо. Исус ги повредил традициите на рабините и не го почитувал нивниот авторитет и тие не сакале да поверуваат. {КВ 211.2}

Времето, местото, приликата, силните чувства што го исполнувале собирот сето тоа заедно направило Исусовите зборови пред Синедрионот да остават силен впечаток. Највисоките верски власти на народот го барале животот на Оној, Кој се објавил Себеси

како Обновител на Израел. Господарот на саботата бил изведен пред земен суд заради наводно кршење на заповедта за нејзиното празнување. Кога Тој толку неустрашливо ја објавил Својата мисија, Неговите судии го набљудувале со вчудовидување и бес, но не можеле да одговарат на Неговите зборови. Не можеле да го осудат. Тој го порекнал правото свештениците и рабините да го испитуваат или да го попречуваат Неговото дело. Ним не им била дадена таква власт. Нивните тврдења се засновале на нивната горделивост и ароганција. Тој одбил да ја признае вината што му ја припишувале и не дозволувал тие да го поучуваат за верата. {КВ 211.3}

Наместо да се извинува за делото за кое тие приговарале или да објаснува од која причина го направил тоа, Исус им се спротивставил на поглаварите и обвинетиот станал тужител. Тој ги укорил поради нивното тврдо срце и поради непознавање на светите списи. Рекол дека тие ја отфрлиле Божјата Реч, бидејќи го отфрлиле Него, Кој бил испратен од Бога. „Проучувајте ги Писмата, зашто мислите дека во нив имате живот вечен. И тие сведочат за Мене". (Јован 5:39) {КВ 211.4}

Славата на Божјиот Син ја осветлува секоја страница на Стариот завет, без разлика дали таа содржи историја, пропис, или пророштво. Сè што било од божествено потекло во целиот систем на Јудаизмот било компактно пророштво за евангелието. За Христа „сведочат сите пророци". (Дела 10:43) Од ветувањето дадено на Адам, преку патријарсите и обредниот систем, величествена небесна светлина го објаснила патот на Спасителот. Пророците ја виделе Ѕвездата од Витлеем, Шајло, Кој требало да дојде, додека идните настани минувале пред нивните очи, во својот таинствен процес. Христовата смрт е прикажана во секоја жртва. Во секој облак од темјан се издигнувала Неговата праведност. Во звукот на секоја јубилејна труба одѕвонувало Неговото име. Во величествената тајна на светињата над светињите престојувала Неговата слава. {КВ 211.5}

Евреите ги поседувале светите списи и сметале дека имаат вечен живот со тоа што имале само формално познавање на Божјата Реч. Меѓутоа, Христос рекол: „Вие ја немате Неговата Реч во себе". Бидејќи го отфрлиле Христа во Неговата Реч, тие го отфрлиле и лично. „И не сакате да дојдете кај Мене," рекол Тој, „за да имате живот". {КВ 212.1}

Еврејските водачи ги проучувале пророштвата за царството на Месијата, но тоа не го правеле со искрена желба да ја дознаат вистината, туку со цел да пронајдат докази, кои ги поткрепуваат нивните славољубиви надежи. Кога Христос дошол на начин што бил спротивен на нивните очекувања, не сакале да го примат и, за да се оправдаат себеси, се труделе да го прикажат како измамник. Кога еднаш тргнале по тој пат, тогаш на сатаната му било лесно да го зацврсти нивното противење на Христа. Токму тие зборови, кои требало да бидат примени како доказ за Неговото божество, биле протолкувани против Него. Така тие ја претвориле Божјата вистина во лага и колку Спасителот им се обраќал понепосредно преку Своите дела на милост, толку тие поодлучно пружале отпор на светлината. {КВ 212.2}

Исус рекол: „Јас не примам чест од луѓе". Тој не барал признание од Синедрионот, ниту сакал нивно одобрување. Нивното признание за Него не била никаква почест. Нему му било дадено чест и авторитет од Небото. Доколку Тој би посакал, ангелите би дошле да му укажат поклонение. Таткото повторно би сведочел за Неговото божество. Меѓутоа, поради нив, поради народот чии поглавари биле, Исус сакал еврејските старешини да го распознаат Неговиот карактер и да ги примат благословите што Тој дошол да им ги даде. {КВ 212.3}

„Јас дојдов во името на мојот Татко, а вие не ме примате. Кога би дошол друг во свое име, него би го примиле”. Исус дошол со Божјо овластување, носејќи го Неговиот лик, исполнувајќи ја Неговата Реч и барајќи ја Неговата слава; Сепак, водачите во Израел не го прифатиле. Меѓутоа, кога би дошле други, кои би го присвоиле Христовиот карактер, но кои би постапувале според својата волја и би копнееле по сопствена слава, тие би биле примени. Зошто? Затоа што оној што бара сопствена слава го привлекува желбата за самоизвишување и потврда пред другите. На таквите повици Евреите можеле да прифатат такви повици. Тие би прифатиле лажен учител, бидејќи тој би ласкал на нивната горделивост со тоа што би ги одобрувал нивните негувани ставови и традиции. Меѓутоа, Христовото учење не се согласувало со нивните сфаќања. Тоа имало духовен белег и барало жртвување на сопственото „јас“. Затоа тие не сакале да го примат тоа учење. Тие не биле запознаени со Бога и Неговиот глас преку Христа бил глас на туѓинец. {КВ 212.4}

Зар истото не се повторува и во наше време? Зар нема многумина, дури и меѓу верските водачи, чии стврднати срца се спротивставуваат на Светиот Дух, што им оневозможува да го препознаат Божјиот глас? Зар тие не ја отфрлаат Божјата Реч само за да ги сочуваат сопствените традиции? {КВ 213.1}

Исус рекол: „Кога би му верувале на Мојсеј, би ми верувале и Мене, затоа што тој пишуваше за Мене. Но ако не верувате на неговите списи, како ќе им верувате на Моите зборови?“ Исус му зборувал на Израел преку Мојсеј. Кога би го слушале божествениот глас, кој зборувал преку нивниот голем водач, тие би го препознале во него Христовото учење. Кога би му верувале на Мојсеј, тие би му верувале и на Оној, за Кого Мојсеј пишувал. {КВ 213.2}

Исус знаел дека свештениците и рабините биле одлучни да му го одземат животот, а Сепак јасно им го објаснил Своето единство со Таткото и Својот однос со светот. Тие виделе дека со ништо не може да се оправда нивното непријателство кон Него, но Сепак нивната убиствена омраза не била згасната. Се исплашиле, кога биле сведоци на убедливата сила што ја следела Неговата служба, но се спротивставувале на Неговите повици и на тој начин самите себеси се заклучиле во темнина. {КВ 213.3}

Тие претрпеле целосен неуспех во обидот да го поткопаат Исусовиот авторитет или да ги уништат почитта и вниманието на народот, од кои многумина биле убедени преку Неговите зборови. И поглаварите длабоко ја почувствувале својата вина, кога Неговите зборови се пробиле во нивната совест, но тоа уште повеќе ги огорчило против Него. Биле одлучни да му го одземат животот. Испратиле гласници по целата земја да го предупредат народот против Исуса, како да е Тој измамник. Биле испратени шпиони за да внимаваат на Него и да известуваат за тоа што зборува и што работи. Драгоцениот Спасител сега најсигурно стоел под сенката на крстот. {КВ 213.4}

22. ЗАТВОРАЊЕТО И СМРТТА НА ЈОВАН

Оваа поглавје е засновано на Матеј 11:1-11; 14:1-11; Марко 6:17-28; Лука 7:19-28.

Јован Крстителот прв го навестувал Христовото царство, но исто така и прв страдал. Одвоен од слободата што ја имал во пустината и мноштвото, кое со копнеж ги очекувало неговите зборови, затворен меѓу ѕидините на затворската ќелија, станал затвореник во тврдината на Ирод Антипа. Поголемиот дел од својата служба Јован ја поминал во областа источно од Јордан, со која владеел Антипа. И Ирод ги слушал

Јовановите проповеди. Распуштениот цар треперел, кога го слушнал повикот на покајание. „А Ирод се плашеше од Јован, бидејќи знаеше дека е праведен и свет човек... И кога го слушаше, тој чинеше многу нешта и го слушаше со задоволство". Јован доследно се однесувал кон него, осудувајќи ја неговата грешна врска со Иродијада, жената на својот брат. Извесно време Ирод се обидувал да ги раскине синџирите на страстите кои го врзале, но Иродијада уште поцврсто го вплеткала во своите мрежи и му се одмаздила на Јован Крстителот на тој начин што го навела Ирод да го фрли во затвор. {КВ 214.1}

Јовановиот живот бил исполнет со постојана активност, па тешко му паѓале неактивноста и мрачниот затворски живот. Како поминувале седмиците, не донесувајќи со себе никакви промени, во него почнале да се вовлекуваат очајот и сомнежот. Неговите ученици не го заборавиле. Им бил дозволен пристап во затворот, па му донесувале новости за Исусовите дела и му раскажувале за тоа како народот се собира околу Него. Меѓутоа, тие се прашувале зошто тој нов учител, ако навистина е Месијата, не направи нешто за Јовановото ослободување? Како може да дозволи Неговиот верен гласник да биде лишен од слободата, а можеби и од животот? {КВ 214.2}

Овие прашања не останале без влијание. На Јован му биле дошепнувани сомнежи кои инаку никогаш не би се појавиле. Сатаната се радувал слушајќи ги зборовите на овие ученици и гледајќи како тие ги рануваат душите на Господовиот гласник. О, Колку често оние што себеси се сметаат за пријатели на еден добар човек и кои сакаат да му ја покажат својата верност се всушност негови најопасни непријатели! Колку пати нивните зборови, наместо да ја зајакнат неговата вера, предизвикуваат потиштеност и обесхрабрување. {КВ 215.1}

Како и учениците на Спасителот, Јован Крстителот не ја сфатил природата на Христовото царство. Тој очекувал дека Исус ќе го заземе Давидовиот престол. И како што времето минувало, а Спасителот не барал царска власт, Јован станувал збунет и вознемирен. Тој му објавил на народот дека мора да се исполни пророштвото на Исаија за да се подготви патот на Господа; сите планини и брегови мора да се спуштат, кривините да се исправат, а нерамнините да се измазнат. Тој очекувал дека човечката горделивост и власт ќе бидат симнати. Тој зборувал за Месијата како за Оној, Кој ја држи лопатата во Своите раце, Кој ќе го исчисти Своето гумно, Кој ќе го собере житото во Своите амбари и Кој ќе го запали плевелот со неизгаслив оган. Како пророкот Илија, во чиј дух и сила дошол во Израел, Јован очекувал Господ да се открие како Бог, Кој одговара со оган. {КВ 215.2}

Во текот на својата мисија Јован неустрашливо го осудувал беззаконието и кај оние на високи, и кај оние на ниски положби. Тој се осмелил отворено да го осуди гревот на царот Ирод. Тој не го сметал својот живот драгоцен, само за да ја заврши задачата што му била наменета. И сега, во затворот, очекувал Лавот од Јудиното племе да ја отфрли горделивоста на угнетувачите, да ги избави сиромашните и оние кои плачеле. Меѓутоа, изгледало дека Исус се задоволува со тоа да собира ученици околу Себе, да исцелува и да го поучува народот. Тој јадел на трпезата на цариниците, додека римскиот јарем секој ден сè повеќе и повеќе го притискал Израел, додека царот Ирод и неговата зла љубовница ја спроведувале својата волја и додека лелекањата на сиромашните и страдалниците се издигале до Небото. {КВ 215.3}

За пророкот од пустината сето тоа изгледало како тајна што ја надминува неговата моќ на сфаќање. Имало момент, кога неговата душа ја мачеле шепотењата на демоните

и кога над него се надвиснувала сенка на ужасен страв. Можно ли е одамна очекуваниот Избавител сè уште да не се појавил? Тогаш што значела пораката што тој самиот бил поттикнат да ја изнесува. Јован бил горко разочаран во резултатот на својата мисија. Тој очекувал дека Божјата вест ќе има исто онакво дејство, како, кога законот бил читан во времето на Јосија и Ездра (2. Летописи 34; Неемија 8:9) и дека ќе настапи темелно дело на покајание и враќање кон Господа. Целиот свој живот го жртвувал за успехот на таа мисија. Зар сето тоа било попусто? {КВ 216.1}

Јован бил вознемирен, кога видел дека неговите ученици од љубов кон него негувале неверие кон Христа. Дали неговото залагање за нив останало без плод? Дали бил неверен во својата мисија, кога сега е спречен во работата? Ако ветениот Избавител дошол и ако Јован верно одговорил на својот повик, зар Исус не би ја срушил моќта на угнетувачот и не би го ослободил Својот гласник? {КВ 216.2}

Меѓутоа, Јован не се откажал од својата вера во Христа. Сеќавањето на Гласот од Небото и на слетувањето на гулабот, беспрекорната Исусова чистота и силата на Светиот Дух, која почивала врз Јован, кога бил во присуство на Спасителот и сведоштвото на пророчките списи сето тоа сведочело дека Исус од Назарет е навистина Ветениот. {КВ 216.3}

Јован не сакал со своите ученици да зборува за своите сомнежи и вознемирувања. Одлучил да упати порака до Исуса и да го праша за тоа. Таа порака им ја доверил на двајца свои ученици со надеж дека разговорот со Спасителот ќе ја зацврсти нивната вера и ќе ги убеди нивните браќа. Исто така, копнеел за тоа Христос непосредно да му се обрати. {КВ 216.4}

Учениците дошле кај Исуса со порака: „Ти ли си Оној што треба да дојде или да чекаме друг?“ {КВ 216.5}

Колку неодамна Јован, укажувајќи на Исуса, зборувал: „Еве го Божјото Јагне, Кое ги зема на Себе гревовите на светот”. „Тој е Оној што Доаѓа по мене и е над мене”. (Јован 1:29,27) А сега прашањето: „Ти ли си Оној што треба да дојде?“ Тоа било болно и горчливо разочарување за човечката природа. Кога Јован, верниот предвесник, не ја сфаќа Христовата мисија, што може да се очекува од себичното мноштво? {КВ 216.6}

Спасителот веднаш не одговорил на прашањето на овие ученици. Додека тие стоеле, зачудени од Неговото молчење, болните и оние во неволја му приоѓале на Исуса за да бидат исцелени. Слепите го напипкувале својот пат низ толпата; болни од сите слоеви, некои сами си го пробивале патот, други на носила, носени од своите пријатели, желно се потиснувале во Исусовото присуство. Гласот на моќниот Исцелител продирал во ушите на глувиот. Еден збор, еден допир на Неговата рака ги отворал очите на слепите за да ја видат светлината на денот, убавината на природата, лицата на пријателите и лицето на Избавителот. Исус ја укорувал болеста и ја протерувал треската. Неговиот глас стигнал до ушите на смртниците и тие станувале во здравје и виталност. Парализираните, кои биле опседнати со лоши духови ги послушале Неговите зборови, нивната малоумност ги напуштила и тие му се поклонувале. Додека ги исцелувал болните, Тој го учел народот. Сиромашните селани и работници, кои рабините ги избегнувале како нечисти, се собирале околу Него и Тој им зборувал зборови за вечен живот. {КВ 216.7}

Така поминал денот и Јовановите ученици виделе и слушнале сè. На крај, Исус ги повикал кај Себе, им рекол да одат и да му раскажат на Јован сè што виделе, додавајќи: „Блазе на оној што нема да се соблазни поради Мене”. (Лука 7:23) Доказот за Неговото божество се наоѓал во прилагодување на потребите на човештвото што страдало.

Неговата слава се манифестирала во тоа што Тој се понижил до нашата ниска положба. {КВ 217.1}

Учениците ја однеле пораката и тоа било доволно. Јован се сетил на пророштвото во поглед на Месијата: „Зашто ме помаза Господ, ме прати да им проповедам радосна вест на кротките, да ги исцелам скршените срца; на заробените да им навестам слобода и на затворените ослободување; да ја прогласам годината на Господова благонаклонетост". (Исаија 61:1,2) Христовите дела не само што покажувале дека Тој е Месија, туку покажувале на кој начин ќе биде воспоставено Неговото царство. На Јован му била покажана истата онаа вистина што Илија ја спознал во пустината, кога наишол на „голем и силен ветер, кој ридови урива и соборува карпи, но Господ не беше во ветрот; по ветрот настана земјотрес, но Господ не беше во земјотресот; а по земјотресот оган, но Господ не беше во огнот," а по огнот Господ му зборувал на пророкот со тивок и малечок глас". (1. Цареви 19:11,12) На сличен начин Исус требал да го изврши Своето дело не со помош на оружје и рушење на престоли и царства, туку обраќајќи им се на срцата на луѓето по пат на милосрден и самопожртвуван живот. {КВ 217.2}

Начелото на самооткажување на кое се засновал животот на Јован Крстителот било начело на царството на Месијата. Јован добро знаел колку сето тоа е далеку од начелата и надежта на водачите на Израел. Она што за него бил убедлив доказ за Христовото божество, за нив не претставувал никаков доказ. Тие очекувале таков Месија, каков што не бил ветен. Јован видел дека мисијата на Спасителот кај нив може само да предизвика омраза и осуда. Тој предвесникот морал да пие од чашата, која Христос ќе треба да ја испие до дно. {КВ 218.1}

Зборовите на Спасителот: „Блазе на оној што нема да се соблазни поради Мене," биле благ укор за Јован Крстителот. Тоа не било напразно. Сфаќајќи ја сега појасно Христовата мисија, Јован му се покорил на Бога, очекувајќи од Него живот или смрт, онака, како што ќе биде најкорисно за делото, кое тој го љубел. {КВ 218.2}

Кога тие гласници заминале, Исус му зборувал на народот за Јован. Срцето на Спасителот било исполнето со сочувство кон верниот сведок што лежел во затворот кај Ирод. Тој не сакал народот да дојде до заклучок дека Бог го заборавил Јована или дека верата на пророкот попуштила во моментот на неволја. Исус рекол: „Што сте излегле да гледате во пустина? Трска ли што ја лелее ветрот?" {КВ 218.3}

Високите трски што растеле покрај Јордан и што се виткале на секое ветерче, соодветно ги прикажувале рабините, кои ја критикувале и осудувале мисијата на Крстителот. Тие се виткале на оваа или на онаа страна во зависност од ветерот на народното расположение. Не сакале да се понизат за да ја примат веста на Крстителот, која ги испитува срцата, а од страв кон народот не се осмелиле отворено да се спротивстават на неговото дело. Меѓутоа, Божјиот гласник немал толку плашлив дух. Мноштвото што се собирало околу Христа било сведок за Јовановата работа. Тоа слушнало како Јован бестрашно го укорувал гревот. На самоправедните фарисеи, свештениците, садукеите, на Ирод и неговите дворјани, на кнезовите и на војниците, на цариниците и селаните, Јован им зборувал со иста отвореност. Тој не бил трска што се лула, која ја виткаат ветриштата на човечките пофалби или предрасуди. Во затворот бил исто толку верен на Бога и приврзан кон правдата, како кога ја проповедал Божјата вест во пустината. Во својата верност кон начелото бил цврст како карпа. {КВ 218.4}

Исус продолжил: „Туку што излеговте да видите? Човек облечен во меки облеки? Ете, тие што носат меки облеки и живеат раскошно се во царските дворови". Јован бил повикан да ги укорува гревовите и претерувањето на своето време и неговата

едноставна облека и живот исполнет со самооткажување биле во склад со природата на неговата мисија. Богатата облека и раскошот на овој живот не се дел од Божјите слуги, туку се дел од оние, кои живеат „во царските дворови,“ на владетелите на овој свет, на кои им припаѓаат земното богатство и моќ. Исус сакал да покаже каква спротивност постои помеѓу Јовановата облека и облеката што ја носат свештениците и поглаварите. Тие се облекувале во раскошни облеки и се украсувале со скапоцени украси. Тие го сакале надворешниот сјај, сакале да го восхитат народот и на тој начин да влеат уште поголема почит. Тие повеќе се труделе да предизвикаат восхит кај луѓето, отколку да стекнат чисти срца за да му угодат на Бога. На тој начин покажале дека не се приврзани кон Бога, туку кон царството на овој свет. {КВ 218.5}

Исус рекол: „Па тогаш што сте излегле да видите? Пророк? Да, ви велам, и повеќе од пророк, зашто Јован е оној за кого е пишано: {КВ 219.1}

‘Ете, јас Го праќам Мојот гласник пред Твоето лице, Тој ќе Го приготви Твојот пат пред Тебе’. {КВ 219.2}

Навистина, ви велам, меѓу родените од жена не се подигнал поголем од Јован Крстителот”. Во зборовите упатени на Захарија пред Јованото раѓање, ангелот рекол: „Тој ќе биде голем пред Бога”. (Лука 1:15) Што ја сочинува големината во очите на Небото? Не она што светот го смета за големина; не богатството, положбата, или благородничкото потекло или интелектуалната надареност, сама по себе. Доколку интелектуалната големина, независно од секоја повисока цел, би била достојна за почит, тогаш би биле должни да го почитуваме сатаната, бидејќи неговата интелектуална моќ никогаш не ја достигнал ниту еден човек. Но, ако се злоупотребува за задоволување на личните барања, колку е поголем дарот, толку поголемо станува проклетството. Бог ја цени моралната вредност. Љубовта и чистотата се највозвишени атрибути во Неговите очи. Јован бил голем во Неговите очи, кога пред пратениците на Синедрионот, пред народот и пред своите ученици одбил да бара почести за себе, туку укажал на Исус, како на Ветениот. Неговата несебична радост во Христовата служба претставува највозвишен облик на благородност која човекот некогаш ја достигнал. {КВ 219.3}

Оние, кои го слушнале неговото сведоштво за Исуса, посведочиле по неговата смрт за него: „Јован не направи ниту едно чудо, но сè што кажа за овој Човек е вистина”. (Јован 10:41) На Јован не му било дадено да повика оган од небото или да подигнува мртви, како што правел Илија, ниту во Божјо име да ракува со чудотворен стап, како Мојсеј. Тој бил повикан да го најавува доаѓањето на Спасителот и најпонизно да го повика народот да се подготви за Неговото доаѓање. Така, тој верно ја исполнил својата мисија, така што народот, кога се сеќавал што им проповедал Јован за Исуса, можел да каже: „Сè што кажа Јован за овој човек е вистина”. Секој Христов ученик е повикан исто така да сведочи за Него. {КВ 219.4}

Како предвесник на Месијата, Јован бил „многу повеќе од пророк”. Додека пророците оддалеку го гледале Христовото доаѓање, на Јован му било дозволено да го види, да го слушне небесното сведоштво за Неговото месијанство и да му го претстави на Израел како Испратен од Бога. Сепак, Исус рекол: „Најмалиот во небесното царство е поголем од него”. {КВ 220.1}

Како пророк, Јован ја претставува алката помеѓу Стариот и Новиот завет. Како Божји претставник тој го прикажал односот помеѓу законот, пророците и христијанската епоха. Тој бил помала светлина, по која Доаѓала поголема. Јовановиот ум бил просветлен од Светиот Дух за да го осветли неговиот народ, но ниту една светлина

никогаш нема да свети толку јасно, како онаа, која произлегува од Христовото учење и пример. Христос и Неговата мисија биле нејасно сфатени преку симболот на жртвите. Дури ни Јован не го сфатил целосно идниот бесмртен живот преку Спасителот. {КВ 220.2}

Освен радоста што Јован ја наоѓал во својата мисија, неговиот живот бил полн со тага. Неговиот глас ретко се слушал, освен во пустината. Бил осамен. Не му било дозволено да ги види плодовите на својата работа. Немал среќа да биде со Христа и да биде сведок на божествената сила, која ја придружувала поголемата светлина. Не му било дадено да гледа како на слепите им се враќа видот, како болните се исцелуваат и мртвите се враќаат во живот. Не ја здогледал Светлината што светела низ секој Христов збор и ги осветлувала со слава пророчките ветувања. Најмалиот ученик, кој ги видел силните Христови дела и ги слушнал Неговите зборови, во тој поглед се наоѓал во поголема предност од Јован Крстителот и затоа за таквиот е кажано дека е поголем од него. {КВ 220.3}

Преку мноштвото народ што ги слушало Јовановите зборови, гласот за него брзо се расчул низ земјата. Луѓето со длабок интерес очекувале како ќе заврши неговото затворање. Меѓутоа, неговиот беспрекорен живот и силната народна наклонетост кон него наведувале на верување дека против него нема да се преземат некои свирепи мерки. {КВ 220.4}

Ирод верувал дека Јован е Божји пророк и сосема имал намера да го пушти на слобода. Меѓутоа, стравувајќи од Иродијада, го одложувал остварувањето на оваа своја намера. {КВ 220.5}

Иродијада знаела дека со непосредни мерки никогаш нема да го придобие Ирод за да ја одобри Јовановата смрт, па одлучила со стратегија да ја постигне својата цел. На роденденот на царот требало да се приготви забава за дворските големци и благородници. Се надевала дека Ирод, под влијание на храната и пијалакот ќе стане невнимателен, па ќе успее да влијае на него за да ја изврши својата волја. {КВ 221.1}

Кога дошол големиот ден и кога царот и неговите големци се оддале на јадење и пиење, Иродијада ја испратила својата ќерка во свечената сала со својата игра да ги забавува гостите. Салома била во цветот на младоста и нејзината сензуална убавина ги занела сетилата на големците кои пирувале. Не бил обичај на вакви свечености да се појавуваат дворски дами, па на Ирод му се упатени ласкави пофалби, кога оваа ќерка на израелските свештеници и кнезови играла за да ги забавува неговите гости. {КВ 221.2}

Царот бил зашеметен од виното. Со него загосподарила страста, додека разумот бил отфрлен. Ја гледал само свечената сала со гостите кои пирувале, богатата трпеза, пенливото вино, блескавата светлина и младата девојка, која играла пред него. Во тој момент на непромисленост сакал да направи нешто со што ќе ги воодушеви големците од своето царство. Под заклетва и ветил на ќерката на Иродијада дека ќе и даде сè што ќе побара, дури и половина царство. {КВ 221.3}

Салома брзо се доближила до својата мајка за да ја запраша што да побара. Одговорот бил подготвен главата на Јован Крстителот. Салома не знаела за желбата за одмазда во срцето на својата мајка, па се притеснувала да ја искаже оваа желба, но одлучноста на Иродијада победила. Девојката се вратила со ужасното барање: „Сакам уште сега да ми ја дадеш на послужавник главата на Јован Крстителот". (Марко 6:25) {КВ 221.4}

Ирод се стаписал и се збунил. Разузданата веселба престанала и во местото на пирување завладеала кобна тишина. Царот се ужаснувал од помислата да му го одземе животот на Јован. Меѓутоа, дал збор, па не сакал да испадне променлив или брзоплет. Заклетвата била дадена во чест на неговите гости и кога еден од нив би го подигнал својот глас против исполнување на ветувањето, тој со задоволство би му го поштедил животот на пророкот. Им била дадена можност да се заземат за овој затвореник. Тие поминувале големи далечини за да го слушаат проповедањето на Јован и знаеле дека тој човек нема никаква вина и дека е Божји слуга. Иако потресени од барањето на девојката, биле премногу пијани за да дадат некоја забелешка. Ниеден глас не се подигнал за да го спаси животот на овој небесен гласник. Тие луѓе заземале високи, доверливи положби во нацијата, но во толкава мера се оддале на јадење и пиење, така што нивните сетила биле умртвени. Вртоглавата сцена на музиката и играта им го заматил разумот, а совеста заспала. Со своето молчење тие изговориле смртна пресуда над Божјиот пророк, за да се задоволи одмаздливоста на една развратна жена. {КВ 221.5}

Ирод попусто чекал некој да го ослободи од дадената заклетва, а потоа и неволно наредил пророкот да се погуби. Набргу Јовановата глава била донесена пред царот и неговите гости. Засекогаш биле затворени усните, кои верно го предупредувале Ирод да се одврати од грешниот живот. Никогаш повеќе нема да го слушне тој глас како ги повикува луѓето на покајание. Пирувањето таа ноќ го чинело живот еден од најголемите пророци. {КВ 222.1}

О, колку често се жртвува животот на невините поради неумереноста на оние кои би требало да бидат чувари на правдата! Оној, кој принесува чаша алкохол кон своите усни, станува одговорен за сета неправда што ќе ја направи под негово дејство. Бидејќи сетилата отапуваат, човекот не може спокојно да расудува и да има јасна претстава за доброто и злото. Тој го отвора патот на сатаната за преку него да ги угнетува и да ги уништува невините. „Виното е потсмевач, а жестокиот пијалак бунтовник, и секој, кој е измамен од нив не е мудар”. (Изреки 20:1) Поради тоа, „правдата е потисната,... а оној што го избегнува злото, станува плен”. (Исаија 59:14,15) Оние што имаат судска надлежност над своите ближни, прават злосторство ако подлегнат на неумереност. Сите оние, кои го применуваат законот, мораат да се придржуваат на законот. Таквите луѓе мораат да владеат самите со себе. Тие мораат целосно да владеат со своите телесни, духовни и морални сили, за да имаат свежина на интелектот и високо чувство за правда. {КВ 222.2}

Главата на Јован Крстителот била однесена на Иродијада, која ја примила со злобно задоволство. Ликувала во својата одмазда и се залажувала дека совеста на Ирод веќе нема да биде немирна. Но, од нејзиниот грев не произлегла никаква среќа. Нејзиното име станало познато по зло и замразено, а Ирод чувствувал уште поголема грижа на совест, отколку од времето, кога пророкот го предупредувал. Влијанието на Јовановото учење не било уништено; тоа влијание ќе се чувствува во сите поколенија до крајот на светот. {КВ 222.3}

Ирод секогаш го имал пред очи својот грев. Тој постојано се обидувал да најде олеснување од обвинувањата на виновната совест. Неговата верба во Јован останала непоколеблива. Кога се сеќавал на Јовановото самооткажување, на неговите свечени, понизни повици, на неговото здраво расудување и кога притоа би помислил на каков начин умрел Ирод не можел да најде мир. Зафатен со државните работи и почестен од

страна на луѓето, Ирод имал насмеано лице и достоинствено држење, но во себе криел вознемирено срце, притиснато од страв дека над него почивало проклетство. {КВ 223.1}

Јовановите зборови дека ништо не може да се сокрие од Бога оставиле длабок впечаток на Ирод. Бил уверен дека Бог се наоѓа на секое место, дека го видел пирувањето во салата за приредби, дека слушнал кога била издадена наредбата на Јован да му се отсече главата, дека го видел ликувањето на Иродијада и начинот на кој ја навредувала отсечената глава на оној што ја укорувал. Многу поуки кои Ирод ги слушнал од усните на пророкот, сега и зборувале многу појасно на неговата совест, отколку проповедањето во пустината. {КВ 223.2}

Кога слушнал за Христовите дела, Ирод ужасно се вознемирил. Мислел дека Бог го подигнал Јован од мртвите и дека го испратил со уште поголема сила да го осуди гревот. Постојано стравувал дека Јован ќе се одмазди за својата смрт, осудувајќи го него и неговиот дом. Кај Ирод се повторувало она што го кажал Бог дека ќе биде последица на гревот на грешниот живот „треперливо срце, потонати очи, мачна душа. Животот ќе ти виси на нишка; ќе се плашиш и дење и ноќе и нема да имаш сигурност за својот живот. Од стравот што ќе ти го стега срцето и од сцените што ќе ги гледаат твоите очи, наутро ќе велиш: ‘О, да е веќе вечер!’, а навечер ќе зборуваш: ‘О, да е веќе утро’!“ (Второзаконие 28:65-67) Мислите на грешникот се негови обвинувачи и не постои поголемо мачење од осилото на немирната совест што не му дава мир ни дење ни ноќе. {КВ 223.3}

Судбината на Јован Крстителот за многумина е обвиткана со длабока тајна. Тие се прашуваат зошто Јован бил оставен да гние и да умре во затвор. Нашиот човечки ум не може да проникне во тајната на ова мрачно провидение, но тоа никогаш не треба да ја поколеба нашата доверба во Бога, кога знаеме дека Јован бил само учесник во Христовите страдања. Сите што го следат Христа, ќе носат круна на жртва. Тие сигурно ќе наидат на неразбирање од страна на себични луѓе и ќе бидат цел на жестоки сатански напади. Царството на сатаната е основано за да се уништи тоа начело на самопожртвуваност и тој ќе војува против тоа начело секаде, каде што ќе се манифестира. {КВ 223.4}

Одлучноста и моралната сила биле карактеристика на Јовановото детство, младост и зрелост. Сатаната стравувал за своето царство, кога од пустината се слушнал неговиот глас: „Подгответе му го патот на Господа и израмнете му ги Неговите патеки”. (Матеј 3:3) Грешноста на гревот е откриена на тој начин што луѓето трепереле. Сатанската власт над многумина кои биле потчинети била скршена. Сатаната неуморно се трудел да го одвои Крстителот од животот на безусловна преданост на Бога, но не успеал. Исто така, не успеал да го совлада ниту Исуса. При искушувањето во пустината, сатаната бил поразен и тоа многу го разбеснило. Убивајќи го Јован, одлучил да му зададе удар на Христа. Сакал да му нанесе болка на Оној, Кого не можел да го наведе на грев. {КВ 224.1}

Исус не интервенирал за да го избави Својот слуга. Тој знаел дека Јован ќе го истрае тестот. Спасителот со задоволство би дошол кај Јован со Своето присуство да ја осветли темнината во затворот. Меѓутоа, Тој не сакал да се стави во рацете на непријателот и да ја доведе во опасност Својата сопствена мисија. Тој со задоволство би го избавил Својот верен слуга. Меѓутоа, Јован морал да ја испие чашата на маченик заради илјадници луѓе, кои подоцна, од затвор преминувале во смрт. Кога Исусовите следбеници ќе гнијат во затворските ќелии, или ќе гинат од меч, на справи за мачење или гилотина, кога ќе изгледа дека се заборавени и од Бога и од луѓето каква потпора тогаш ќе им

биде помислата дека Јован Крстителот, за чија верност сведочел Христос, минувал низ слично искуство! {КВ 224.2}

На сатаната му било дозволено да го скрати земниот живот на Божјиот гласник, но тој не може да посегне по оној живот, кој е „сокриен со Христа во Бога”. (Колосјаните 3:3) Сатаната ликувал што му нанел болка на Христа, но не успеал да го победи Јована. Смртта само засекогаш го отстранила Јован од досегот на силата на искушението. Во таа борба сатаната го открил својот карактер. Пред цела вселена го манифестирал своето непријателство кон Бога и кон човекот. {КВ 224.3}

Иако на Јован не му било дадено никакво чудесно избавување, тој не бил заборавен. Тој секогаш бил во друштво на небесните ангели, кои го упатувале на пророштвата за Христа и на драгоцените ветувања од Светото Писмо. Тоа била неговата потпора, како што ќе биде потпора и на Божјиот народ низ сите векови. На Јован Крстителот и на оние што доаѓаат по него им е дадено ветувањето: „Еве, Јас сум со вас во сите дни, дури до крајот на светот”. (Матеј 28:20) {КВ 224.4}

Бог никогаш не ги води Своите деца по пат кој и самите не би го одбрале, кога од почеток би можеле да го видат крајот и да ја согледаат величествената цел што ја остваруваат како Божји соработници. Ниту Енох, кој бил жив пренесен на Небото, ниту Илија, кој се вознел со огнени кочии, не биле поголеми и со поголема чест од Јован Крстителот, кој загинал сам во затворот. „Заради Христа вам ви е дадено не само да верувате во Него, туку и да страдате за Него”. (Филипјаните 1:29) Од сите дарови што Небото може да им ги даде на луѓето, заедницата со Христа во Неговите страдања, претставува најголема доверба и највозвишена чест. {КВ 224.5}

23. „СЕ ПРИБЛИЖИ БОЖЈОТО ЦАРСТВО"

„Исус дојде во Галилеја и го проповедаше евангелието за Божјото царство зборувајќи: Се исполни времето, и се приближи Божјото царство. Покајте се и верувајте во евангелието”. (Марко 1:14,15) {КВ 231.1}

Доаѓањето на Месијата најпрво е објавено во Јудеја. Во ерусалимскиот храм, раѓањето на предвесникот му било објавено на Захарија, кога служел пред олтарот. На витлеемските ритчиња, ангелите го објавиле Исусовото раѓање. Мудреците дошле во Ерусалим да го бараат. Во храмот, Симеон и Ана сведочеле за Неговото божество. „Ерусалим и сета Јудеја“ го слушале проповедањето на Јован Крстителот, а пратениците на Синедрионот, заедно со мноштвото го слушале неговото сведоштво за Исуса. Во Јудеја Христос ги примил Своите први ученици. Тука Тој поминал голем дел од Својата рана служба. Манифестирањето на Неговото божество при чистењето на храмот, Неговите чуда на лекување и поуките на божествените вистини што излегувале од Неговите усни сето тоа го потврдувало она што го изјавил по лекувањето во Витезда пред Синедрионот дека Тој е Син на Вечниот. {КВ 231.2}

Кога поглаварите во Израел би го примиле Христа, Тој би им укажал чест како Негови гласници да го објавуваат евангелието на светот. Ним им е дадена можност први да станат гласници на царството и на Божјата благодат. Меѓутоа, Израел не го знаел времето на својата посета. Љубомората и неверувањето на еврејските поглавари се претвориле во отворена омраза, а срцата на народот се оддалечиле од Исуса. {КВ 231.3}

Синедрионот ја отфрлил Христовата вест и ја посакувал Неговата смрт. Затоа Исус се одвоил од Ерусалим, од свештениците, од храмот, од верските поглавари, од луѓето кои биле упатени во законот и се обратил на еден друг општествен слој, за да ја објавува Својата вест и да ги собере оние, кои ќе го објавуваат евангелието на сите народи. {КВ 232.1}

Како што во Христово време светлината и животот на луѓето биле отфрлени од духовната власт, така тие биле отфрлени во секое наредно поколение. Толку пати се повторувала историјата за Христовото заминување од Јудеја. Кога ја проповедале Божјата Реч, реформаторите не помислувале да се одвојат од постоечката црква. Меѓутоа, верските поглавари не ја поднесувале светлината и оние што ја носеле светлината биле принудени да се обратат на други, кои копнееле по вистината. Во денешно време малку луѓе од оние кои тврдат дека се следбеници на реформаторите се проникнати од нивниот дух. Малкумина од нив го слушаат Божјиот глас и се подготвени да ја примат вистината без оглед во кој облик таа Доаѓа. Честопати оние, кои одат по стапките на реформаторите се принудени да се одвојуваат од црквите што ги сакаат, за да можат да го објавуваат јасното учење на Божјата Реч. Многу пати оние, кои бараат светлина поради тоа учење се принудени да ја напуштат црквата на своите татковци, за да можат да се потчинат на Божјата волја. {КВ 232.2}

Луѓето од Галилеја биле презрени од Ерусалимските рабини како груби и неуки, но Сепак тие претставувале попогодно поле за работата на Спасителот. Тие биле посрдечни и поискрени; помалку под контрола на предрасудите; нивните умови биле отворени за прифаќање на вистината. Заминувајќи за Галилеја, Исус не барал повлеченост ниту изолираност. Таа провинција во тоа време била густо населена, со многу поголема примеса на луѓе од други нации, отколку што тоа било случај во Јудеја. {КВ 232.3}

Кога Исус патувал низ Галилеја учејќи и исцелувајќи, околу Него се собирало мноштво народ. Многумина доаѓале дури од Јудеја и околните провинции. Исус често бил принуден да се сокрие од народот. Воодушевувањето било толку големо, што било потребно да се преземат мерки на претпазливост, за римските власти да не се посомневаат дека се подготвува бунт. Никогаш во светот не постоело такво нешто. Небото се спуштило на Земјата. Гладните и жедни души, кои толку долго чекале на избавувањето на Израел, сега се наслаѓувале во благодатта на милостивиот Спасител. {КВ 232.4}

Суштината на Христовото проповедање била: „Се исполни времето и се приближи Божјото царство. Покајте се и верувајте во евангелието". На тој начин, евангелската порака што ја објавил Спасителот се засновала на пророштвата. „Времето" за кое Тој рекол дека се исполнило, бил периодот што ангелот Гаврил му го објавил на Даниел. Ангелот рекол: „Седумдесет седмици му се одредени на твојот народ и на твојот свет град да се сврши престапот, да му се стави крај на гревот, да се очисти беззаконието, да се воведе вечна правда, да им се стави печат на видението и на пророштвото и да се помаза светињата над светињите". (Даниел 9:24) Еден ден во пророштвата претставува една година. (Види Броеви 4:34; Езекиел 4:6) Седумдесет седмици или четиристотини и деведесет дена, претставуваат четиристотини и деведесет години. Почетокот на тој период е означен: „Затоа знај и разбери, од времето, кога ќе се издаде заповед Ерусалим повторно да се изгради, до Кнезот Помазаник, ќе поминат седум седмици, а потоа шеесет и девет седмици," шеесет и девет седмици или четиристотини осумдесет и три години. (Даниел 9:25) Заповедта за обнова и sидање на Ерусалим што ја издал

Артаксеркс Лонгиманус, стапила на сила есента во 457. година пред Христа. (Види Ездра 6:14; 7:1,9) Тој период од четиристотини и осумдесет и три години се протега до есента 27 година по Христа. Според пророштвото, тој период требало да достигне до Месијата Помазаникот. Во 27. година по Христа, при своето крштевање Исус Христос примил помазание од Светиот Дух и набргу потоа започнала неговата јавна служба. Тогаш била објавена веста: „Се исполни времето". {КВ 233.1}

Ангелот рекол: „И ќе го потврди заветот со мнозина во една седмица (седум години)". Седум години откако започнала мисијата на Спасителот, евангелието требало да им се проповеда на Евреите, и тоа: Прво три и пол години Христос, а потоа исто толку и Неговите ученици. „Во половина на седмицата Тој ќе направи жртвата и приносот да прекратат". (Даниел 9:27) Пролетта 31. година од н.е. Христос, вистинската Жртва, е принесена на Голгота. Тогаш завесата во храмот била расцепена на два дела, со што е покажано дека исчезнала светоста и значењето на жртвената служба. Настапило времето да прекратат земната жртва и принос. {КВ 233.2}

Една седмица седум години завршила 34. година по Христа. Тогаш Евреите со каменувањето на Стефан конечно го отфрлиле евангелието. Учениците кои поради прогонството се расеале низ други земји, „отишле насекаде проповедајќи ја Речта". (Дела 8:4) Набргу потоа прогонувачот Савле се обратил и станал Павле апостол на незнабошците. {КВ 233.3}

Времето на Христовото доаѓање, Неговото помазание со Светиот Дух, Неговата смрт и проповедањето на евангелието на незнабошците дефинитивно беше определено. Еврејскиот народ имал привилегија да ги разбере овие пророштва и да го сфати нивното исполнување во Христовата мисија. Христос им го предочил на Своите ученици значењето на проучување на пророштвата. Повикувајќи се на пророштвото што го дал Даниел за нивното време, Тој рекол: „Кој чита, нека разбере". (Матеј 24:15) По Своето воскресение, Исус им го објаснил на Своите ученици „она што се однесуваше на Него во сите пророци". (Лука 24:27) Спасителот зборувал преку сите пророци. „Христовиот Дух Кој бил во нив однапред сведочел за Христовите маки и за славата потоа". (1. Петрово 1:11) {КВ 234.1}

Оваа божествена порака ангелот Гаврил, му ја пренел на пророкот Даниел, ангел, кој според рангот доаѓа веднаш по Божјиот Син. Тоа бил Гаврил, „Неговиот ангел" што Христос го пратил да му ја открие иднината на саканиот Јован, покажувајќи му ги настаните од иднината, и преку кого е изречен благослов на оние што читаат и што ги слушаат зборовите на пророштвото и кои држат сè што е запишано во нив. (Откровение 1:3) {КВ 234.2}

„Зашто Господ Бог, не прави ништо, а да не им ги открие Своите тајни на Своите слуги пророците". Додека „она што е тајно му припаѓа на Господ, нашиот Бог," „она што е откриено ни припаѓа нам и на нашите синови довека". (Амос 3:7; Второзаконие 29:29) Бог ни ги дал овие нешта, а Неговиот благослов ќе го следи стравопочитувачкото проучување на пророчките книги придружувано со молитва. {КВ 234.3}

Како што веста за првото Христово доаѓање го најавувала царството на Неговата милост, така веста за Неговото второ доаѓање го најавува царството на Неговата слава. А втората вест, исто како и првата, е заснована на пророштвата. Зборовите на ангелот упатени на Даниел, кои се однесуваат на последните денови, треба да бидат сфатени во последното време. Во тоа време „мнозина ќе одат ваму и таму и знаењето ќе се умножи". „Безбожниците и понатаму ќе бидат безбожни и никој од нив нема да разбере, но разумните ќе разберат". (Даниел 12:4,10) Самиот Спасител ги дал знаците

на Своето доаѓање и рекол: „Така и вие, кога ќе видите дека тоа се случува, знајте дека е близу Божјото царство". „И внимавајте срцата да не ви бидат оптоварени со прејадување, со пијанство и со грижите на овој свет, за да не ви дојде тој ден ненадејно". „Бдејте и молете се постојано, за да го избегнете сето она што ќе се случи и да се одржите пред Синот Човечки". (Лука 21:31,34,36) {КВ 234.4}

Ние живееме во период претскажан во овие стихови. Настапило последното време, пророчките виденија се отпечатени и нивните свечени опомени ни укажуваат на тоа дека е близу доаѓањето на нашиот Господ во слава. {КВ 235.1}

Евреите погрешно ја толкувале и ја применувале Божјата Реч, и не го познале времето на својата посета. Годините на Христовата служба и на Неговите апостоли драгоцените последни години на благодат за избраниот народ ги поминале во размислување како да ги уништат Господовите гласници. Тие биле толку окупирани од земните амбиции, што попусто им било понудено небесното царство. Така и денес мислите на луѓето се окупирани со царството на овој свет, па не ги забележуваат пророштвата, кои многу брзо се исполнуваат, како и знаците на Божјото царство, кое набргу треба да дојде. {КВ 235.2}

„Но браќа, вие не сте во темнина за да може да ве изненади оној ден како крадец. Сите вие сте синови на светлината и синови на денот, не и припаѓаме на ноќта, ниту на темнината". Иако не сме во можност да го знаеме часот на Господовото враќање, ние можеме да ја знаеме неговата близина. „Така да не спиеме како другите, туку да бдееме и да бидеме трезвени". (1. Солунјаните 5:4-6) {КВ 235.3}

24. „НЕЛИ Е ОВОЈ СИН НА ДРВОДЕЛЕЦОТ?"

Оваа поглавје е засновано на Лука 4:16-30.

Над светлите денови на Христовата служба во Галилеја се надвива една сенка. Луѓето од Назарет го отфрлиле. „Нели е Овој син на дрводелецот?" (Матеј 13:55) рекле тие. {КВ 236.1}

За време на Своето детство и Својата младост Исус го обожувал Бога заедно со Своите браќа во синагогата во Назарет. Откако ја започнал Својата јавна работа, Тој не бил со нив, но тие знаеле што се случува со Него. Кога Исус повторно се појавил меѓу нив, нивниот интерес и нивните очекувања достигнале кулминација. Тука бил опкружен од пицата на оние што ги познавал од детството. Тука биле Неговата мајка, Неговите браќа и сестри и сите погледи биле насочени кон Него, кога во сабота влегол во синагогата и го зазел Своето место помеѓу останатите обожувачи на Бога. {КВ 236.2}

Во редовната дневна служба, старешината читал од пророците и го повикал народот сè уште да се надева на доаѓањето на Оној, Кој со Себе ќе донесе славно царство и ќе го протера секое угнетување. Тој настојувал да ги охрабри своите слушатели, повторувајќи ги доказите за тоа дека доаѓањето на Месијата е близу. Опишувал колку величествено ќе биде Неговото доаѓање, истакнувајќи дека ќе се појави на чело на војската за да го избави Израел. {КВ 236.3}

Кога рабинот се наоѓал во синагогата, од него се очекувало да одржи проповед, а секој Израелец можел јавно да прочита дел од пророштвата. Таа сабота било побарано од Исуса да учествува во службата. Тој „станал да чита. И му ја дадоа книгата на

пророкот Исаија”. (Лука 4:16,17) Стиховите што ги прочитал биле оние, кои луѓето ги разбрале дека се однесуваат на Месијата: {КВ 236.4}

„Господовиот Дух почива врз Мене,
зашто Тој Ме помаза да го проповедам евангелието на сиромасите;
Тој ме испрати да ги исцелам скршените по срце,
да им проповедам ослободување на заробените,
и враќање на видот на слепите,
да ги ослободам угнетените,
да ја објавам благопријатната Господова година”. {КВ 237.1}

„Потоа го завитка свитокот, му ја врати на служителот... и очите на сите во синагогата беа насочени кон Него... И сите Му посведочија и им се восхитуваа на благодатните зборови што излегоа од Неговата уста”. (Лука 4:18-22) {КВ 237.2}

Исус стоел пред народот како жив толкувач на пророштвата што се однесувале на Него. Објаснувајќи ги зборовите што ги прочитал, Тој зборувал за Месијата, како за олеснувач на угнетените, ослободител на заробените, исцелител на болните, како Оној што ќе им го врати видот на слепите и ја открива светлината на вистината на светот. Неговото достоинствено држење и величественото значење на Неговите зборови ги возбудиле слушателите со сила каква што никогаш дотогаш не искусиле. Плимата на божественото влијание ја рушела пред себе секоја препрека. Како некогаш Мојсеј, и тие го гледале Невидливиот. Бидејќи Светиот Дух влијаел на нивните срца, тие огнено одговарале „амин“ и упатувале пофалби на Господа. {КВ 237.3}

Меѓутоа, кога Исус објавил „Денес се исполни ова Писмо во вашите уши,“ одненадеж биле поттикнати да размислуваат за себе и за тврдењата на Оној, Кој им зборувал. Тие, Израелци, Авраамови деца, биле прикажани како робови. Биле именувани како заробеници, кои треба да бидат ослободени од силите на злото, како народ кој се наоѓа во темнина и кому му е потребна светлината на вистината. Нивната горделивост била повредена, а нивните стравувања поттикнати. Исусовите зборови навестувале дека Неговото дело за нив целосно ќе се разликува од она што тие го сакале. Можеби нивните дела ќе бидат премногу строго испитувани. И покрај тоа што строго се придржувале за надворешните обреди, тие се плашеле од испитувањето на тие бистри, проникливи очи. {КВ 237.4}

„Кој е овој Исус?“ се прашувале тие. Оној, Кој полагал право на славата на Месијата бил син на еден дрводелец и го работел занаетот со Својот татко Јосиф. Тие го гледале како напорно работи одејќи нагоре и надолу по ритчињата, му ги познавале браќата и сестрите и знаеле за Неговиот живот и работа. Виделе како од дете преминува во момче и од момче во зрел човек. Иако Неговиот живот бил беспрекорен, тие не верувале дека Тој е Оној Ветениот. {КВ 237.5}

Каква спротивност помеѓу Неговото учење во поглед на новото царство и она што го слушале од својот старешина! Исус не зборувал ништо за нивното избавување од Римјаните. Тие слушнале за Неговите чуда и се надевале дека Тој ќе ја употреби Својата моќ во нивна полза, но не виделе никакво навестување за таква намера. {КВ 238.1}

Кога ја отвориле вратата на сомнежот, нивните срца се стврднале многу повеќе, затоа што за момент биле омекнати. Сатаната бил одлучен слепите очи тој ден да не прогледаат и душите оковани во Ропство да не бидат ослободени. Тој со сите сили се трудел да ги окова со неверие. Тие не обрнувале никакво внимание на знакот што веќе

им бил даден, кога биле поттикнати со уверување дека Тој што им се обраќа е нивниот Спасител. {КВ 238.2}

Тогаш Исус им пружил доказ за Своето божество со тоа што им ги открил нивните скриени мисли. Тогаш им рече: Сигурно ќе ми ја раскажете оваа приказна: Лекару, излекувај се самиот себеси! Како што слушнавме, сè што си сторил во Капернаум, стори го и овде во Својот роден крај. И тој им рече: Навистина ви велам, ниту еден пророк не е примен во својот роден крај. Исто така, ви велам, во времето на Илија, кога небото беше затворено три години и шест месеци и кога завладеа голем глад во сета земја, во Израел имаше многу вдовици, но Илија не беше испратен кај ниту една од нив, освен кај вдовицата во Сарепта Сидонска. И во времето на пророкот Елисеј во Израел имаше многу лепрозни, но не се очисти ниту еден од нив, освен Сириецот Нееман". (Лука 4:23-27) {КВ 238.3}

Со ова прикажување на настаните од животот на пророците, Исус одговорил на прашањата на Своите слушатели. На слугите, кои Бог ги избрал за едно специјално дело, не им било дозволено да се заложуваат за оние што имаат тврдо срце и што не веруваат. Меѓутоа, на оние што имале срце да почувствуваат и вера да веруваат, укажана им е посебна благонаклонетост, па преку пророците ги виделе доказите за Божјата сила. Во времето на Илија, Израел се одвоил од Бога. Тие цврсто се држеле за своите гревови и ги отфрлале опомените, кои Духот им ги давал преку Господовите гласници. На тој начин си го пресекле каналот по кој можел да им дојде Божјиот благослов. Господ поминал покрај домовите на Израелците и засолниште за Својот слуга нашол во една незнабожечка земја, кај една жена, која не му припаѓала на избраниот народ. На таа жена и е укажана благонаклонетост, бидејќи ја следела Светлината што ја примила, а нејзиното срце било приемчиво за поголема светлина, која Бог и ја испратил преку Својот пророк. {КВ 238.4}

Од истата причина, во времето на Елисеј израелските губавци биле одминати. Меѓутоа Нееман, еден незнабожечки благородник, бил верен на она што сметал дека е исправно и ја чувствувал својата голема потреба од помош. Тој бил во состојба да ги прими даровите на Божјата милост. Не само што бил очистен од лепрата, туку и примил благослов да го познае вистинскиот Бог. {КВ 239.1}

Нашата положба пред Бога не зависи од количината на светлина што сме ја добиле, туку од начинот на кој го употребуваме она што го имаме. Така, дури и незнабошците, кои ќе го изберат она што е право, колку што можат тоа да го разликуваат, се во поповолна положба од оние, кои добиле голема светлина и тврдат дека му служат на Бога, но ја запоставуваат светлината и во својот секојдневен живот работат спротивно на она што го исповедаат. {КВ 239.2}

Зборовите што Исус им ги упатил на Своите слушатели во синагогата удриле во коренот на нивната самоправедност, укажувајќи им на горчливата вистина дека се оддалечиле од Бога и го изгубиле правото да бидат Негов народ. Секој збор сечел како нож, кога им се укажало на нивната вистинска состојба. Сега тие ја презирале верата со која Исус ги воодушевувал на почетокот. Не сакале да признаат дека Оној, Кој потекнува од сиромашен и низок слој, може да биде нешто друго, освен обичен човек. {КВ 239.3}

Неверието прераснало во злоба. Сатаната загосподарил со нив и во својот бес, тие викале против Спасителот. Тие му свртеле грб на Оној, чија мисија била да исцелува и обновува и почнале да ги манифестираат особините на уништувачот. {КВ 239.4}

Кога Исус ги споменал благословите дадени на незнабошците, се разбудила национална горделивост кај Неговите слушатели и вревата на луѓето ги задушила

Неговите зборови. Тие луѓе горделиво истакнувале дека го држат законот, но сега, кога нивните предрасуди биле повредени, биле подготвени да извршат убиство. Собирот се растурил и тие положиле раце на Исуса, го истуркале од синагогата и го избркале од градот. Сите изгледале дека желно го посакувале Неговото уништување. Го одвеле на работ на една провалија, сакајќи да го турнат долу. Извици и проклетства го исполнувале воздухот. Некои фрлале камења на Него, но Тој одненадеж исчезнал од нивната средина. Небесните гласници, кои биле покрај Него во синагогата биле со Него и среде тоа разбеснето мноштво. Тие го штителе од Неговите непријатели и го одвеле на сигурно место. {КВ 240.1}

Така ангелите го заштитиле Лот и го извеле на безбедно од среде Содом. Така го штителе Елисеј во малиот планински град. Кога околните планини биле полни со коњи и кочии на сириските цар и со голема војска на неговите вооружени војници, Елисеј видел како блиските планински падини се прикриени со Божји војски огнени коњи и кочии го опкружувале Господовиот слуга. {КВ 240.2}

Така во сите векови ангелите биле близу верните Христови следбеници. Големиот сојуз на злото истапува против сите оние што сакаат да победат, меѓутоа, Христос сака да го подигнеме погледот кон она што е невидливо, кон небесните војски што се улогоруваат околу оние, кои го љубат Бога, за да ги избават. Никогаш нема да дознаеме од какви опасности, видливи и невидливи, сме биле запазени, сè додека во светлината на вечноста не ги согледаме Божјите провиденија. Тогаш ќе знаеме дека целото небесно семејство се грижело за семејството овде долу и дека гласниците од Божјиот престол ги следеле нашите чекори од ден на ден. {КВ 240.3}

Кога Исус во синагогата читал од пророштвото, Тој запрел пред завршниот опис во поглед на делото на Месијата. Откако ги прочитал зборовите: „Да ја објавам благопријатната Господова година,“ ја изоставил фразата „и денот на одмазда на нашиот Бог”. (Исаија 61:2) Тоа било исто толку вистинито, како и првиот дел од пророштвото и со Своето молчење Исус не ја негирал вистината. Меѓутоа, токму за тој последен израз Неговите слушатели размислувале со задоволство и сакале да се исполни. Тие искажувале суд против незнабошците, не увидувајќи дека нивната вина е многу поголема од вината на другите. Ним во најголема мера им била потребна милост од која тие толку сакале да ги лишат незнабошците. Тој ден во синагогата, кога Исус се наоѓал меѓу нив, им се пружила можност да го прифатат повикот од Небото. Оној, Кој „наоѓа задоволство во милоста“ (Михеј 7:18), со задоволство би ги спасил од пропаста, која ја повикувале нивните гревови. {КВ 240.4}

Не можел да се откаже од нив, не упатувајќи им уште еден повик на покајание. Кога Неговата служба во Галилеја се ближела кон крајот, повторно го посетил родниот крај од Своето детство. Откако го отфрлиле оттаму, прочуеноста за Неговото проповедање и Неговите чуда ја исполнила земјата. Сега никој не можел да негира дека Тој поседува сила што е поголема од човечката. Назареќаните знаеле дека Тој одел правејќи добро, лекувајќи ги сите што сатаната ги угнетувал. Околу нив имало цели села во кои веќе ниту во еден дом не се слушале воздишки на болест, бидејќи Тој поминал покрај нив и ги исцелил сите нивни болни. Милоста, која се покажала во секој чин на Неговиот живот сведочела за Неговото божествено помазание. {КВ 241.1}

Слушајќи ги повторно Неговите зборови, Назареќаните биле под влијание на божествениот Дух. Меѓутоа, дури ни тогаш не сакале да признаат дека тој Човек, Кој растел со нив, е поинаков или поголем од нив. Сè уште ги измачувал горчливиот спомен дека Тој, тврдејќи за себе дека е Ветениот, им го оспорувал местото во Израел, бидејќи

им покажал дека биле помалку достојни за Божјата наклонетост од кој било незнабожец, без оглед дали е маж или жена. Поради тоа, иако се прашувале: „Од каде му се на овој Човек оваа мудрост и силни дела?“, Сепак не сакале да го примат како Божји Христос. Заради нивното неверие, Спасителот не можел меѓу нив да изврши многубројни чуда. Само малку срца биле отворени за Неговиот благослов и неволно заминал, за никогаш повеќе да не се врати. {КВ 241.2}

Неверието откако еднаш било негувано, продолжило да владее со срцата на луѓето во Назарет. Тоа владеело и со Синедрионот и со целиот народ. Кај свештениците и народот, првото отфрлање на манифестирањето на Светиот Дух било почеток на крајот. За да покажат дека нивното прво противење било исправно, тие оттогаш па натаму секогаш приговарале на Христовите зборови. Нивното отфрлање на Духот кулминирал на Голготскиот крст, во уништување на нивниот град и во раселувањето на нацијата во сите насоки на светот. {КВ 241.3}

О, колку Христос копнеел на Израелците да им ја отвори драгоцената ризница на вистината! Меѓутоа, нивното духовно слепило било толкаво, што било невозможно да им се откријат вистините, кои се однесуваат на Неговото царство. Цврсто се држеле за своите верувања и за своите некорисни церемонии, додека небесната вистина попусто чекала да биде прифатена. Трошеле пари на безначајни работи, иако на дофат им бил лебот на животот. Зошто не ја побарале Божјата Реч и не истражувале вредно, за да видат дали се во заблуда? Книгите на Стариот Завет јасно го опишуваат секој детаљ за Христовата служба и Тој често цитирал од пророците, додавајќи: „Денес се исполни ова Писмо во вашите уши”. Кога искрено би го истражувале Писмото и би ги проверувале своите теории врз основа на Божјата Реч, Исус не би морал да го оплакува нивното непокајание. Не би морал да објави: „Еве, ви се остава пуст вашиот дом”. (Лука 13:35) Тие би се запознале со доказите за Неговото Месијанство и тогаш би се спречила пропаста, која го претворила нивниот горд град во урнатини. Меѓутоа, умот на Евреите станал ограничен поради нивните неразумни предрасуди. Христовите поуки ги откривале недостатоците на нивниот карактер и барале покајание. Кога би го прифатиле Неговото учење, би морале да го изменат својот начин на живот и да се откажат од надежите што ги негувале. За да ја стекнат честа од Небото, би морале да ја жртвуваат честа од луѓето. Кога би ги послушале зборовите на тој нов Рабин, би морале да дојдат во судир со мислењата на големите мислители и учители на тоа време. {КВ 241.4}

Вистината била непопуларна во Христово време. Таа е непопуларна и во наше време. Таа била непопуларна од оној момент, кога сатаната создал одвратност кон неа, изнесувајќи измислици, кои наведувале на самовозвишување. Зар и денес не наидуваме на теории и доктрини кои немаат основа во Божјата Реч? Луѓето се држат исто толку цврсто, како што Евреите се држеле до своите традиции. {КВ 242.1}

Еврејските водачи биле исполнети со духовна гордост. Нивната желба за лично прославување се манифестирала дури и во службата во светилиштето. Тие ги сакале највисоките места во синагогите. Сакале луѓето да им се поклонуваат на пазарите и биле задоволни, кога би го слушнале звукот на своите титули од усните на луѓето. Како што вистинската побожност опаѓала, тие биле пољубоморни за своите традиции и церемонии. {КВ 242.2}

Бидејќи умот им бил помрачен од себични предрасуди, не можеле да ја сообразат силата на убедливите Христови зборови со понизноста на Неговиот живот. Не го сфатиле фактот дека на вистинската големина не и е потребно надворешно

експонирање. Сиромаштијата на овој човек им изгледала неспоива со Неговото тврдење дека е Месија. „Ако навистина е тоа што тврди дека е, зошто тогаш е толку скромен?“ се прашувале тие. Ако Тој е задоволен да биде без вооружена сила, што ќе биде со нивната нација? Како можат силата и славата, кои толку долго ги очекувале, да ги доведат сите народи под власта на градот на Евреите? Зар свештениците не поучувале дека Израел треба да владее над целата земја? Зар е можно големите верски учители да биле во заблуда? {КВ 242.3}

Меѓутоа, Евреите не го отфлиле Исуса само затоа што во Неговиот живот немало надворешен сјај. Тој бил олицетворение на чистота, а тие биле нечисти. Живеел меѓу луѓето како пример на беспрекорна чесност. Неговиот беспрекорен живот фрлил светлина врз нивните срца. Неговата искреност ја откривала нивната неискреност. Таа ја манифестирала празнотијата на нивната наводна побожност и им ги открила нивните беззаконија во нивната одвратност. Таквата светлина била непожелна. {КВ 243.1}

Кога Христос би го привлекол вниманието кон фарисеите и би го фалел нивното знаење и побожност, тие би го поздравиле со радост. Но, кога за небесното царство зборувал како за период на милост за целокупното човештво, со тоа Тој презентирал еден аспект од религијата што тие не сакале да го толерираат. Нивниот личен пример и учење никогаш не биле такви за да ја направат службата кон Бога пожелна. Кога виделе дека Исус им се обраќа токму на оние, кои тие ги мразеле и отфрлале, во нивните горделиви срца се разбудиле најлошите страсти. Наспроти нивното фалење дека под „Лавот од племето на Јуда“ (Откровение 5:5), Израел ќе се издигне над сите народи, тие полесно можеле да го поднесат разочарувањето за нивните славољубиви надежи, отколку да го поднесат Христовото укорување на нивните гревови и прекорот што го чувствувале од присуството на Неговата чистота. {КВ 243.2}

25. ПОВИК УПАТЕН ПОКРАЈ МОРЕТО

Оваа поглавје е засновано на Матеј 4:18-22; Марко 1:16-20; Лука 5:1-11.

Над Галилејското Море се раѓал нов ден. Учениците, изморени од безуспешниот ноќен труд, сè уште се наоѓале во своите рибарски чамци на езерото. Исус дошол да помине еден мирен час покрај водата. Се надевал дека изутрината ќе има малку одмор од мноштвото луѓе, кои ден за ден оделе по Него. Меѓутоа, набргу народот почнал да се собира околу Него. Бројот на луѓето бил сè поголем, така што го притискале од сите страни. Во меѓувреме, учениците излегле на брегот. За да побегне од притисокот на мноштвото, Исус влегол во чамецот на Петар и го замолил малку да се оддалечи од брегот. Тука сите можеле подобро да го слушнат и да го видат Исуса, па од чамецот му проповедал на мноштвото собрано на брегот. {КВ 244.1}

Каква била таа сцена за размислување на ангелите! Нивниот славен Заповедник, седејќи во рибарскиот чамец што се лулал на немирните бранови, ја објавувал добрата вест за спасение на внимателното мноштво луѓе, кои се туркале сè до работ на водата! Оној, Кого Небото го почитувало, ги објавувал големите вистини за Своето царство на обичните луѓе под ведро небо. Сепак, Тој не можел да има посоодветно место за Својата работа. Езерото, планините, широките полиња, сонцето што ја осветлувало земјата сето тоа пружало примери преку кои можел да ги објасни Своите поуки, за тие длабоко да се втиснат во мислите. Ниту една Христова поука не останала бесплодна.

Секоја порака од Неговите усни допрела до некоја душа, како зборови на вечен живот. {КВ 244.2}

Мноштвото на брегот секој момент станувало сè поголемо. Стари луѓе, потпирајќи се на своите стапови, силни селани од планините, рибари со својата мачна работа на езерото, трговци и рабини, богати и учени, стари и млади, донесувајќи ги своите страдалници сите тие се туркале да ги слушнат зборовите на божествениот Учител. Сцените како што е оваа, пророците однапред ги виделе и напишале: {КВ 245.1}

„Земјата Завулонова и земјата Нефталимова,
покрај морето од онаа страна на Јордан,
незнабожечката Галилеја;
Народот што живее во темнина виде голема светлина;
И оние што живееа во земјата на сенката на смртта
ги осветлила светлина”. {КВ 245.2}

Покрај мноштвото што ја слушало неговата беседа на брегoвите на Генисаретското Езеро, Исус имал на ум и други слушатели. Гледајќи низ идните векови, Тој ги видел Своите верни следбеници во затвори и судници, во искушение, осаменост и неволја. Пред Неговите очи се нижеле сите сцени на радост, борба и збрка. Истите зборови кои им ги изговорил на оние што биле собрани околу Него, Тој им ги кажувал и на тие други души и тие ќе допрат до нив, како вест на надеж, во време на проба, утеха, во тага и небесна светлина во темнината. Преку Светиот Дух, тој Глас, Кој зборувал од рибарскиот чамец на Галилејското Езеро, ќе објавува мир на човечките срца до крајот на времето. {КВ 245.3}

Кога ја завршил проповедта, Исус се свртел кон Петар и му рекол да отплови на морето и да ја фрли мрежата. Меѓутоа, Петар бил обесхрабрен. Цела ноќ не уловил ништо. Во тие мигови на осаменост тој мислел на судбината на Јован Крстителот, кој малаксувал сам во затворот. Тој размислувал за иднината на Христа и Неговите ученици, за лошиот успех на мисијата во Јудеја и за злобата на свештениците и рабините. Дури и неговиот сопствен занает го изневерил; додека ја набљудувал својата празна мрежа, иднината му изгледала темна и обесхрабрувачка. „Учителу“ рекол тој „цела ноќ се трудевме и ништо не уловивме, но на Твој збор ќе ја фрлам мрежата”. {КВ 245.4}

Ноќта била единственото поволно време за риболов со мрежа во бистрата езерска вода. По безуспешниот ноќен труд, изгледало безнадежно да се фрли мрежата дење. Меѓутоа, Исус дал заповед, па љубовта кон нивниот Учител ги поттикнала учениците да се покорат. Симон и неговиот брат заедно ја фрлиле мрежата. Кога се обиделе да ја извлечат, во неа се наоѓало толкаво количество риби, што почнала да се кине. Морале да ги повикаат Јаков и Јован да им помогнат. Кога ја извлекле мрежата, двата чамци биле толку полни, што постоела опасност да потонат. {КВ 246.1}

Меѓутоа, Петар сега веќе не мислел ниту на чамецот, ниту на товарот. Тоа чудо, повеќе од сите на кои бил сведок, за него претставувало манифестирање на божествената сила. Во Исуса го видел Оној, Кој целата природа ја имал под Своја контрола. Божественото присуство му ја открило неговата сопствена несветост. Тој бил совладан од љубовта кон својот Учител, срамот поради своето неверие, благодарноста за Христовото понижување со тоа што станал човек и повеќе од сè, од чувството на нечистота во присуство на бескрајната светост. Додека неговите другари внимавале да

не го загубат ловот во мрежите, Петар паднал пред нозете на Спасителот, извикувајќи: „Оди си од мене Господе, зошто јас сум грешен човек”. {КВ 246.2}

Тоа било истото присуство на божествената светост, кое го навело пророкот Даниел како мртов да падне пред Божјиот ангел. Тој рекол: „Мојата убавина ми се нагрди и силата ме остави”. Така и Исаија, гледајќи ја Божјата слава, извикал: „Тешко мене, пропаднав, зашто сум човек со нечисти усни и живеам среде народ со нечисти усни, а моите очи го видоа Царот, Господ над војските”. (Даниел 10:8; Исаија 6:5) Човечката природа со својата слабост и грев, се споредила со совршенството на божествената природа и тој почувствувал дека е целосно несовршен и несвет. Така било со сите на кои им било дозволено да ја здогледаат Божјата големина и величество. {КВ 246.3}

Петар извикал: „Оди си од мене, Господе, зошто јас сум грешен човек“ но, Сепак цврсто се држел за Исусовите нозе, чувствувајќи дека не може да се одвои од Него. Спасителот одговорил: „Не плаши се, зашто од сега ќе ловиш луѓе”. На Исаија му била доверена божествената вест дури откако, здогледувајќи ја Божјата светост, ја сфатил сопствената недостојност. Петар го примил повикот да работи за Христа, дури откако бил наведен да се откаже од себеси и да се потпре на божествената сила. {КВ 246.4}

Сè до тој момент ниту еден ученик не се соединил целосно со Исуса како соработник. Тие биле сведоци на многу од Неговите чуда и ги слушале Неговите учења, но не ги напуштиле целосно своите поранешни занимања. Затворањето на Јован Крстителот за сите нив било горчливо разочарување. Ако така завршила Јовановата мисија, тогаш можеле да имаат само малку надеж за својот Учител, против Кого се обединиле сите верски водачи. Под тие околности, повременото враќање на рибарењето и морето им донесувало извесно олеснување. Меѓутоа, сега Исус ги повикал да го напуштат својот поранешен живот и да ги соединат своите интереси со Неговите. Петар го прифатил повикот. Стигнувајќи до брегот, Исус ги повикал тројцата други ученици: „Појдете по Мене и Јас ќе ве направам ловци на луѓе”. Тие веднаш оставиле сè и тргнале по Него. {КВ 246.5}

Пред да ги повика да ги остават своите мрежи и рибарските чамци, Исус им дал уверување дека Бог ќе се грижи за нивните потреби. Користењето на чамецот на Петар за делото на евангелието било богато наградено. Оној, Кој е „богат за сите кои го повикуваат,“ рекол: „Дајте, па ќе ви се даде: Добра мерка, набиена, натресена и преполнета”. (Римјаните 10:12; Лука 6:38) Со таа мерка ја наградил службата на учениците. Секоја жртва направена во Неговата служба ќе биде наградена според „преголемото богатство на Неговата благодат”. (Ефесјаните 3:20; 2:7) {КВ 249.1}

За време на таа тажна ноќ на езерото, кога биле одвоени од Христа, учениците биле цврсто притиснати од неверие и биле изморени од безуспешните напори. Меѓутоа, Неговото присуство ја оживеало нивната вера и им донело радост и успех. Така е и со нас; ако се одвоиме од Христа, нашите напори се безуспешни и лесно губиме доверба и почнуваме да мрмориме. Меѓутоа, кога Тој е блиску и ние работиме под Негово водство, ние се радуваме на знаците на Неговата сила. Дело на сатаната е да ја обесхрабри душата; а Христово дело е да ја вдахне со вера и надеж. {КВ 249.2}

Длабоката поука што им ја открило чудото на учениците е поука и за нас дека Оној, чија Реч можела да ги собере рибите од морето, може да влијае и на човечките срца и да ги привлече со врските на својата љубов, за Неговите слуги да станат „ловци на луѓе”. {КВ 249.3}

Тоа биле скромни и необразовани луѓе, Галилејски рибари; меѓутоа, Христос, светлината на светот, бил многу повеќе од способен да ги оспособи за должностите за

кои ги избрал. Спасителот не го презирал образованието, бидејќи просветеноста е благослов доколку е под контрола на Божјата љубов и посветена на Неговата служба. Меѓутоа, Тој ги заобиколил мудреците на своето време, затоа што тие биле толку самоуверени, што не можеле да сочувствуваат кон страдалниците, ниту да станат соработници на Човекот од Назарет. Во своите предрасуди тие презирале да бидат поучени од Христа. Господ Исус сака да соработува со оние, кои можат да станат слободни канали, преку кои луѓето ќе ја примаат Неговата благодат. Прво нешто што треба да го научат сите оние што сакаат да станат Божји соработници е поуката за недоверба во самиот себе и тогаш ќе бидат подготвени на себе да го примат Христовиот карактер. Тоа не може да се добие преку образование во највозвишените научни школи. Тоа е плод на мудроста, која се добива единствено од божествениот Учител. {КВ 249.4}

Исус избрал неучени рибари, бидејќи не биле образовани во духот на традициите и погрешните обичаи на своето време. Тоа биле луѓе со вродени способности и биле понизни и приемчиви луѓе што Тој можел да ги образува за Своето дело. Во секојдневниот живот наидуваме на многу луѓе кои трпеливо ја работат својата секојдневна работа, не знаејќи дека имаат способности кои, кога би се активирале, би ги ставиле во ред со највисоко ценетите луѓе во светот. Потребна е вешта рака за да се разбудат тие заспани способности. Таквите луѓе Исус ги повикал да бидат Негови соработници и ним им ја овозможил предноста од дружењето со Него. Никогаш големите луѓе на овој свет немале таков учител. Излегувајќи од школата на Спасителот, учениците веќе не биле неуки и некултурни. Станале слични на Него по умот и карактерот и, луѓето согледале дека тие биле со Исуса. {КВ 250.1}

Највисоката цел на образованието не се состои само во пренесување на знаење, туку во пренесување на животворна енергија, која се прима преку допир на умот со ум и на душата со душа. Само животот може да даде живот. Каква предност имале оние што во текот на три години биле во секојдневен допир со божествениот живот од кој потекнува секое животворно влијание, кое донело благослов за светот! Јован, саканиот ученик, повеќе од сите други се предал на силата на тој чудесен живот. Тој вели: „Животот се откри и ние го видовме и сведочиме за Него и ви го навестуваме вечниот живот, кој беше кај Таткото и кој ни се откри нам". „Сите ние примивме од Неговата полнина; благодат за благодат". (1. Јованово 1:2; Јован 1:16) {КВ 250.2}

Апостолите на нашиот Господ немале ништо што би им донело слава. Било очигледно дека успехот на нивната работа зависи единствено од Бога. Животот на тие луѓе, карактерот што тие го развиле и силните дела кои Бог ги извршил преку нив, претставуваат сведоштво за тоа што ќе направи Тој за сите оние, кои сакаат да научат и да бидат послушни. {КВ 250.3}

Оној што најмногу го љуби Исуса ќе направи најмногу добра. Нема граници на корисноста на оној кој, ставајќи го своето ,,јас" настрана, отвора пат Светиот Дух да делува на неговото срце и да живее целосно посветен живот на Бога. Ако луѓето се подготвени да се потчинат на потребната дисциплина, не жалејќи се и не малаксувајќи на патот, Бог ќе ги учи постојано, од час во час и од ден на ден. Тој копнее да ја манифестира Својата благодат. Ако Неговиот народ е подготвен да ги отстрани препреките, Тој ќе ја излее водата на спасението и таа обилно ќе протече низ човечките канали. Ако луѓето со скромни можности би биле поттикнати да го направат добро она што можат да го направат, кога на нив не би се ставале раце што ограничуваат за да ја

задушат нивната ревност, денес би имало стотина работници за Христа таму, каде што сега има само еден. {КВ 250.4}

Бог ги зема луѓето такви какви што се и ги образува за Својата служба, доколку се подготвени да му се предадат. Божјиот Дух, примен во душата, ги оживува сите способности. Под водство на Светиот Дух, умот кој без резерва се посветува на Бога, се развива хармонично и зајакнува, така што е во состојба да ги сфати и исполни Божјите барања. Слабиот и непостојан карактер се менува и станува силен и непоколеблив. Постојаната посветеност воспоставува толку тесна врска помеѓу Исуса и Неговиот ученик, што христијанинот станува сличен на Него по умот и карактерот. Преку својата врска со Христа, тој стекнува појасни и поширoки погледи. Неговата проникливост станува поостра, а расудувањето поодмерено. Човекот што копнее да биде во служба за Христа толку е оживеан од животворната сила на Сонцето на Праведноста, што е во состојба да донесува многу род на Божја слава. {КВ 251.1}

Луѓето со највисоко образование во уметноста и науката примиле драгоцени поуки од христијаните со скромна положба, кои светот ги сметал за неуки. Меѓутоа, тие непознати ученици примиле образование во највисокото од сите училишта. Тие седеле крај нозете на Оној, Кој зборувал како „што никогаш не зборувал човек”. {КВ 251.2}

26. ВО КАПЕРНАУМ

За време на прекинот на Своите патувања, Исус престојувал во Капернаум, кој поради тоа бил познат како „Негов град”. Градот се наоѓал на брегoвите на Галилејското Езеро, близу границата на убавата Генисаретска низина, ако не и на самата граница. {КВ 252.1}

Длабоката долина во која се наоѓа езерото и дава на рамницата која го опкружувала убава и пријатна јужна клима. Тука, во Христово време успевале палми и маслинки, имало овоштарници, лозја, зелени полиња и блескаво обоени цвеќиња, кои биле во богато изобилство. Тие биле залевани од живите потоци што се разлевале од гребените. Брегoвите на езерото и ритчињата кои биле на мало растојание од езерото, биле распрскани со градови и села. Езерото било покриено со рибарски чамци. Насекаде се чувствувала раздвиженоста на зафатениот, активен живот. {КВ 252.2}

Капернаум бил погоден центар за работа на Спасителот. Бидејќи се наоѓал на главниот пат од Дамаск кон Ерусалим и Египет, до Средоземното Море, бил многу прометно место. Луѓето од многу земји поминувале низ овој град или се задржувале во него за да се одморат од своите патувања. Овде, Исус можел да сретне луѓе од сите националности и од сите општествени слоеви богати и големи, сиромашни и мали. Така Неговата наука би била однесена во други земји и во многу семејства. На тој начин би било поттикнато истражување на пророштвата, вниманието би било сосредоточено на Спасителот и Неговата мисија би била откриена пред светот. {КВ 252.3}

И покрај постапката на Синедрионот против Исуса, народот со желба го очекувал развојот на Неговата мисија. Цело Небо било заинтересирано. Ангелите го подготвувале патот за Неговата служба, влијаејќи на човечките срца и привлекувајќи ги кон Спасителот. {КВ 253.1}

Сведок за Христовата моќ во Капернаум бил синот на еден благородник, кого Тој го исцелувал. Овој висок службеник и неговиот дом радосно посведочиле за својата вера. Кога се дознало дека Учителот се наоѓа меѓу нив, целиот град се возбудил. Мноштво

народ се собирал во Неговото присуство. Во сабота синагогата била преполна со луѓе, така што многумина морале да се вратат, бидејќи не можеле да влезат. {КВ 253.2}

Сите што слушнале за Спасителот „биле воодушевени од Неговата наука, зашто Речта му беше силна". „Зашто ги учеше како Оној што има власт, а не како книжевниците". (Лука 4:32; Матеј 7:29) Учењето на книжевниците и старешините било студено и формалистичко, како лекција научена напамет. За нив Божјата Реч немала никаква животна сила. Тие ги замениле учењата на Божјата Реч со свои сопствени поими и традиции. Во вообичаените рутински служби тие наводно го објаснувале законот, но никакво вдахновение од Бога не ги придвижило нивните срца, ниту срцата на нивните слушатели. {КВ 253.3}

Исус не се вовлекувал во разните прашања што создавале раздор меѓу Евреите. Неговото дело било насочено кон тоа да ја изнесува вистината. Неговите зборови фрлале силна светлина врз учењата на патријарсите и пророците, и Светото Писмо за луѓето изгледало како ново откровение. Никогаш дотогаш Неговите слушатели не согледале таква длабочина на значењето на Божјата Реч. {КВ 253.4}

Исус им приоѓал на луѓето на нивно тло, како Некој, Кој ги познавал нивните проблеми. Тој направил вистината да изгледа убаво, изложувајќи ја истата на најнепосреден и наједноставен начин. Јазикот со кој зборувал бил чист, префинет и јасен, како река кога тече. Неговиот глас бил како музика за оние, кои ги слушале монотоните гласови на рабините. Меѓутоа, иако Неговото учење било едноставно, Тој зборувал како Оној, Кој има власт. Поради таа особина Неговото учење се разликувало од учењата на сите останати. Рабините зборувале со сомневање и колебање, како смислата на Светото Писмо да може да се толкува на два потполно спротивни начина. Тие секојдневно ги вовлекувале слушателите во сè поголема неизвесност. Исус го толкувал Светото Писмо со неоспорлив авторитет. За што и да зборувал, Тој го правел тоа со сила, така што на Неговите зборови не можел никој да се спротивставува. {КВ 253.5}

Сепак, Тој бил сериозен, но не и жесток. Тој зборувал како Оној, Кој требало да оствари одредена цел. Укажувал на стварноста на вечниот свет. Во секоја тема го откривал Бога. Исус се трудел да ја отстрани заслепеноста што ги окупирала луѓето со земни цели. Тој ги поставил вредностите на овој живот во правилен сооднос; подредени на вечниот интерес, но не го омаловажувал нивното значење. Учел дека Небото и Земјата се меѓусебно поврзани и дека познавањето на божествената вистина ги подготвува луѓето подобро да ги извршуваат своите секојдневни должности. Им зборувал како Оној, Кој е Близок со Небото и кој е свесен за Својот однос кон Бога, но истовремено и свесен за Своето единство со секој член на човечкото семејство. {КВ 254.1}

Неговите пораки на милост секогаш биле прилагодени кон оние на кои им се обраќал. Умеел да „проговори збор во вистинско време на уморниот" (Исаија 50:4); затоа што благодат била излеана на Неговите усни, за на најпривлечен начин да ги изрази на луѓето ризниците на вистината. Имал начин да се соочи со луѓе што имале предрасуди и да ги изненади со објаснувања, кои го привлекувале нивното внимание. Со помош на мечтата допирал до срцата. Своите излагања ги илустрирал со поуки од секојдневниот живот, и иако биле едноставни, тие поуки во себе имале необична длабока смисла. Птиците во воздухот, лилјаните во полињата, семето, пастирот и овците со тоа Христос ги прикажувал вечните вистини. И секогаш, кога Неговите

слушатели би го виделе сето тоа во природата, тие би се сетиле на Неговите зборови. Христовите илустрации постојано ги повторувале Неговите поуки. {КВ 254.2}

Христос никогаш не им ласкал на луѓето. Тој никогаш не го зборувал она што би ја издигнувало нивната мечта, ниту пак ги фалел поради нивните остроумни изуми. Меѓутоа, оние што длабоко и непристрасно размислувале, го примале Неговото учење и чувствувале дека тоа претставува проба за нивната мудрост. Тие се восхитувале на духовната вистина изразена со наједноставен јазик. Најобразованите луѓе биле восхитени од Неговите зборови, а на необразованите луѓе тие зборови секогаш им биле од полза. Тој имал вест и за неписмените, па дури и незнабошците ги навел да сфатат дека и за нив има порака. {КВ 254.3}

Неговото нежно сочувство се излевало на уморните и вознемирени срца и ги исцелувало. Дури и сред вревата на лутите непријатели, Тој бил опкружен со атмосфера на мир. Убавината на Неговото лице, добрината на Неговиот карактер, а пред сè љубовта што се изразувала во погледот и во гласот ги привлекувала кон Него сите оние, кои не биле окоравени во неверие. Кога не би постоел благиот, сочувствителен дух што зрачел од секој Негов поглед и збор, Тој не би можел да привлече кон Себе толкаво мноштво, кое го опкружувало. Страдалниците што му пристапувале, чувствувале дека Тој лично е заинтересиран за нив, како верен и нежен пријател и сакале што повеќе да дознаат за вистините што ги поучувал. Небото се доближило до Земјата. Тие копнееле да престојуваат во Неговото присуство, со цел постојано да ја имаат утехата на Неговата љубов. {КВ 254.4}

Со длабока срдечност Исус набљудувал како, додека Тој зборува, се менува изразот на лицата на Неговите слушатели. Големо задоволство му причинувале лицата на кои се гледал интерес и среќа. Спасителот се радувал што стрелите на вистината продирале до срцата, пробивајќи ја бариерата на себичност и предизвикувајќи покајание, а конечно и благодарност. Неговото лице било среќно кога, поминувајќи со поглед преку мноштвото слушатели, би препознал меѓу нив лица што веќе порано ги видел. Во таквите гледал можни поданици на Своето царство. Кога јасно искажаната вистина би погодила некој негуван идол, забележал како се менува изразот на лицата и погледот станувал студен и непристапен, што сведочело дека вистината не е добредојдена. Кога гледал дека луѓето ја одбиваат пораката на мир, срцето му било длабоко рането. {КВ 255.1}

Додека во синагогата зборувал за царството заради чие основање дошол и за Својата мисија да ги ослободи робовите на сатаната, бил прекинат од еден ужасен крик. Еден душевно болен истрчал од помеѓу луѓето и извикал: „Остави не, што имаме ние со тебе Исусе Назареќанину? Зар дојде да не уништиш? Знам Кој си Ти, Светец Божји”. {КВ 255.2}

Сите биле збунети и вознемирени. Народот веќе не обрнувал внимание на Христа и на Неговите зборови. Тоа била целта на сатаната, кој заради тоа ја внел оваа жртва во синагогата. Меѓутоа, Исус го укорил демонот, велејќи: „Замолчи и излези од него. И кога бесот го кутна на средина, излезе од него и ништо лошо не му направи”. {КВ 255.3}

Сатаната го помрачил умот на тој кутар страдалник, но во присуство на Спасителот зрак на светлина се пробил низ мракот. Тој почнал да копнее за слобода од власта на сатаната, меѓутоа демонот се противел на Христовата сила. Кога човекот се обидел да му се обрати на Христа за помош, лошиот дух ги ставил тие зборови во неговите усни и тој ги изговорил во агонија на страв. Тој донекаде сфатил дека се наоѓа во присуство на Оној, Кој може да го ослободи, но кога се обидел да дојде на дофат на таа моќна рака,

една друга сила го задржала и од усните му излегувале зборови спротивни на неговата желба. Страшна била борбата помеѓу сатанската сила и неговата желба за слобода. {КВ 255.4}

Оној, Кој го победил сатаната во пустината, повторно се нашол лице во лице со Својот непријател. Демонот ги впрегнал сите свои сили за да ја задржи власта над својата жртва. Да се отстапи овде значело да се препушти победата на Исуса. Изгледало дека страдалникот мора да го загуби својот живот во борбата со непријателот, кој ги уништил неговите најубави години. Меѓутоа, Спасителот прозборел со авторитет и го ослободил заробеникот. Човекот што бил опседнат, сега стоел пред зачуденото мноштво, среќен што повторно можел да владее со себеси. Дури и демонот посведочил за божествената сила на Спасителот. {КВ 256.1}

Човекот го славел Бога заради своето избавување. Очите што до неодамна блескале со жар на лудило, сега блескале со интелигенција и од нив потекле солзи на благодарност. Луѓето занемеле од восхит. Кога си дошле на себе, извикале: „Што е ова? Нова наука! Со авторитет им заповеда на нечистите духови и тие го слушаат”. (Марко 1:27) {КВ 256.2}

Тајната причина за страдањето што од овој човек направила предмет на ужас за неговите пријатели и товар за него самиот, лежела во неговиот живот. Бил маѓепсан од задоволствата на гревот, па сакал да го претвори животот во една постојана забава. Не ни сонувал дека ќе стане ужас за околината и срам за своето семејство. Мислел дека може да го поминува времето во непотребни глупости. Меѓутоа, кога еднаш тргнал по патот кој води надолу, слегувал сè побргу. Неумереноста и лекомисленоста ги изопачиле благородните особини на неговата природа и сатаната целосно завладеал со него. {КВ 256.3}

Грижата на совест дошла премногу доцна. Сега би го жртвувал богатството и задоволствата за да го поврати своето изгубено здравје, но тој бил немоќен во канџите на злиот дух. Сам дошол на терен на непријателот и сатаната завладеал со сите негови умствени сили. Искушувачот го намамил на тој начин што му прикажал многу привлечности, но кога еднаш страдалникот се нашол во негова власт, непријателот се покажал како многу суров и страшен во своите гневни напади. Така ќе биде со сите што му попуштаат на гревот; сите задоволства ќе завршат во темнината на очајот и во лудилото на разорената душа. {КВ 256.4}

Истиот зол дух, кој го искушавал Христа во пустината, и кој го држел под своја власт душевниот болен во Капернаум, владеел и со неверните Евреи. Меѓутоа, тој кај нив зел облик на побожност, сакајќи да ги измами во врска со нивните побуди за отфрлање на Спасителот. Нивната состојба била значително побезнадежна отколку состојбата на опседнатиот од зол дух, зашто не чувствувале никаква потреба од Христа и затоа цврсто се држени под власт на сатаната. {КВ 256.5}

Периодот на личната Христова служба меѓу луѓето бил период на најголема активност на силите од царството на темнината. Сатаната со своите зли ангели со векови се трудел да завладее со душата и телото на луѓето, да ги наведе на грев и страдање, а тогаш за сета таа мизерија го обвинувал Бога. Исус им го открил на луѓето Божјиот карактер. Тој ја кршел сатанската моќ и ги ослободувал неговите робови. Нов живот и сила од Небото делувале на срцата на луѓето и кнезот на темнината почнал да се бори за превласт на своето царство. Сатаната ги собрал сите свои сили и на секој чекор се борел против Христовото дело. {КВ 257.1}

Така ќе биде и во големиот финален судир од борбата помеѓу праведноста и гревот. Додека нов живот, светлина и сила се излеваат од Небото на Христовите ученици, нов живот избива и одоздола и ги поттикнува сатанските претставници. Интензитетот земал контрола над сите земни елементи. Со лукавство стекнато во вековната борба, кнезот на темнината работи маскирано. Тој се појавува престорен во ангел на светлината и мноштва слушаат „измамливи духови и ѓаволски учења". (1. Тимотеј 4:1) {КВ 257.2}

Во Христово време водачите и учителите на Израел биле немоќни да се спротивстават на сатанското дело. Тие го запоставувале единственото средство со кое можеле да се спротивстават на злите духови. Само со Божјата Реч Христос го победил злиот. Водачите на Израел тврделе дека се толкувачи на Божјата Реч, но тие ја проучувале само за да ги поткрепат своите традиции и да ги наметнат своите човечки обичаи. Со своето толкување тие направиле Божјата Реч да изразува идеи какви што Бог никогаш не дал. Заради нивното таинствено толкување, станало нејасно она што Бог го сторил јасно. Тие се расправале околу незначителни ситници и со тоа всушност ги негирале најважните вистини. На тој начин неверието било расеано насекаде. Божјата Реч била лишена од својата сила, а злите духови ја спроведувале својата волја. {КВ 257.3}

Историјата се повторува. Држејќи пред себе отворена Библија и тврдејќи дека имаат стравопочит кон нејзиното учење, многу верски водачи во наше време ја поткопуваат верата во неа како Божја Реч. Тие ја расчленувале Божјата Реч и ги ставале сопствените мислења над нејзините најјасни учења. Во нивните раце Божјата Реч ја губи својата обновувачка сила. Тоа е причина зошто неверието беснее, а беззаконието е распространето. {КВ 258.1}

Кога ја поткопал верата во Библијата, сатаната ги повел луѓето кон други извори на светлина и моќ. На тој начин тој се наметнува. Оние што се одвраќаат од јасното учење на Светото Писмо и од уверувачката сила на Светиот Дух, всушност ја повикуваат власта на демоните. Критикувањата и шпекулациите во врска со светите списи отвориле пат на спиритизмот и теозофијата на тие модерни облици на некогашното паганство така што стекнале упориште дури и во оние цркви, кои тврдат дека му припаѓаат на нашиот Господ Исус Христос. {КВ 258.2}

Паралелно со проповедањето на евангелието делуваат и сили кои се медиуми на духови кои лажат. Многумина соработуваат со нив од чиста љубопитност; меѓутоа, кога ќе се осведочат дека тука има нешто посилно од човечка сила, таквите запаѓаат сè подлабоко и подлабоко и на крај потпаѓаат под волја што е посилна од нивната и не можат да се ослободат од нејзината таинствена сила. {КВ 258.3}

Одбраната на душата е совладана. За таквиот веќе не постои никаква препрека против гревот. Кога еднаш ограничувањата од Божјата Реч и Неговиот Дух се отфрлаат, тогаш никој не знае до која длабочина на деградацијата може да се падне. Таквиот човек е роб на таинствениот грев или страста и тој е беспомошен исто како и оној опседнат со демон во Капернаум. Сепак, неговата состојба не е безнадежна. {КВ 258.4}

Средствата со чија помош можеме да го победиме сатаната се истите оние со чија помош победил Христос моќта на Божјата Реч. Бог не владее со нашиот ум без наша согласност, но ако сакаме да ја познаеме Неговата волја и да и се покоруваме, Тој ни дава ветувања: „Ќе ја запознаете вистината и вистината ќе ве ослободи". „Оној што сака да ја извршува Неговата волја, ќе знае дали мојата наука е од Бога". (Јован 8:32; 7:17) Со вера во тие ветувања секој може да се ослободи од стапиците на заблудите и од власта на гревот. {КВ 258.5}

Секој човек слободно може да бира која сила сака да владее со него. Никој не паднал толку ниско, никој не е толку зол за да не може да најде избавување во Христа. Опседнатиот од лоши духови наместо молитва можел да ги изговори само сатанските зборови, но Сепак, неизречената молба на срцето била услишена. Ниту еден повик на душата во неволја, иако не е изразен со зборови, нема да остане неуслишен. Оние што се согласуваат да стапат во заветен однос со небесниот Бог, не остануваат препуштени на сатанската власт, ниту на слабостите на нивната сопствена природа. Таквите Спасителот ги повикува: „Нека се фати за Мојата сила, за да склучи мир со Мене; и ќе направи мир со Мене". (Исаија 27:5) Духовите на темнината се борат за душата, која еднаш била под нивна власт, но Божјите ангели ќе се борат за таа душа со сила што ќе преовлада. Господ вели: „Може ли на јунакот да му се одземе пленот? Може ли на победникот да му побегне заробеникот?... Вака вели Господ: 'На јунакот ќе му се одземе пленот, на победникот ќе му побегне заробеникот. Јас ќе се спорам со оние што ќе се спорат со тебе и Јас ќе ги избавам твоите деца'". (Исаија 49:24,25) {КВ 258.6}

Додека собирот во синагогата сè уште бил опфатен со восхит, Исус се повлекол во домот на Петар малку да се одмори. Меѓутоа, и на тој дом паднала сенка. Бабата на Петар лежела болна, погодена од „силна треска". Исус ја укорил болеста и страдалничката станала и им служела на потребите на Учителот и на Неговите ученици. {КВ 259.1}

Гласовите за Христовото дело брзо се проширале низ цел Капернаум. Од страв од рабините луѓето не смееле да доаѓаат да бараат исцелување, додека не помине саботата. Штом сонцето се спуштило зад хоризонтот, настанала голема раздвиженост. Од домовите, од работилниците, од пазарите, жителите на градот брзале кон скромниот дом во кој престојувал Исус. Болните биле носени на носила, некои Доаѓале потпирајќи се на стапови или на оние кои ги довеле; тие полека му приоѓале на Спасителот. {КВ 259.2}

Час по час Доаѓале и заминувале, бидејќи никој не можел да знае дали Исцелителот и утре ќе биде со нив. Никогаш дотогаш Капернаум не доживеал таков ден. Извици на триумф и избавување одѕвонувале низ воздухот. Спасителот се радувал на среќата која им ја дал. Додека ги набљудувал страдањата на оние кои дошле кај Него, Неговото срце било исполнето со сочувство и Тој се радувал на Својата моќ да им ги врати здравјето и среќата. {КВ 259.3}

Исус не престанувал да го извршува Своето дело додека и последниот страдалник не бил исцелен. Била длабока ноќ, кога мноштвото си заминало и Исус сакал да се одмори. Меѓутоа, додека градот сè уште бил во сон, Спасителот „станувајќи мошне рано,... излезе и отиде на осамено место и таму се молеше". {КВ 259.4}

Така поминувале деновите на Исусовиот земен живот. Тој често ги отпуштал Своите ученици да ги посетат своите домови и да се одморат, но благо се спротивставувал на секој обид да биде одвоен од Својата работа. По цел ден работел, ги поучувал неуките, ги лекувал болните, им давал вид на слепите, им давал храна на многумина, а навечер или рано наутро заминувал во светилиштето на планините за да разговара со својот Татко. Често по цела ноќ поминувал во молитва и размислување и се враќал в зори за да го продолжи Своето дело меѓу народот. {КВ 259.5}

Рано наутро Петар и останатите дошле кај Исуса велејќи му дека народот веќе го бара. Учениците биле горко разочарани поради приемот на кој Христос наидувал дотогаш. Во Ерусалим властите се обиделе да го убијат; дури и Неговите сограѓани се обидувале да му го одземат животот. Меѓутоа, во Капернаум бил пречекан со радосно

воодушевување, што повторно ја поттикнало надежта на учениците. Можеби меѓу слободољубивите Галилејци ќе најде следбеници на новото царство. Но, тие со изненадување ги слушале Христовите зборови: „И на другите градови мора да им го проповедам Божјото царство, затоа што за тоа сум пратен". {КВ 260.1}

Во возбудата што го зафатила Капернаум, постоела опасност целта на Неговата мисија да се загуби од вид. Исус не бил задоволен од тоа да привлече внимание на Себе само како на чудотворец или исцелител на телесни болести. Тој сакал душите да ги привлече кон Него како нивен Спасител. Додека луѓето биле жедни да веруваат дека Исус дошол како цар за да воспостави земно царство, Тој се трудел да ги одвои нивните умови од она што е земно и да ги привлече кон она што е духовно. Световните успеси сами по себе би биле пречка за Неговото дело. {КВ 260.2}

Восхитувањето на безгрижното мноштво го вознемирувал Неговиот дух. Во Неговиот живот немало желба за самодокажување. На Синот Човечки му било туѓо поклонението што светот му го укажува на положбата, богатството или на талентите. Исус не употребувал ниту едно од оние средства, кои луѓето ги употребуваат за да издејствуваат приврзаност или поклонение. Со векови пред Неговото раѓање, за Него било претскажано: „Нема да викне, ниту да го подигне гласот Свој, нема да дозволи да го чујат на улиците; скршената трска нема да ја здроби, и чадливата ламба нема да ја угасне; ќе суди според вистината. Нема да ослабне, ниту ќе изнемошти, додека на земјата не воспостави правда, народите ќе се надеваат на Неговиот закон". (Исаија 42:2-4) {КВ 260.3}

Фарисеите се труделе да се истакнат со своето крајно грижливо придржување кон обредите, со своето горделиво богослужение и преку делата на милосрдие. Ревноста за верата ја докажувале со тоа што ја претвориле во предмет на расправа. Расправиите меѓу противничките секти биле гласни и долги и не било необично по улиците да се слушнат гласови на гневни расправи на учените доктори по законот. {КВ 261.1}

Исусовиот живот бил во очигледна спротивност со сето тоа. Во тој живот немало гласни расправи, горделиво служење на Бога и ниту една постапка со која би стекнал одобрување на светот. Христос бил сокриен во Бога, а Бог се откривал во карактерот на Својот Син. Исус сакал мислите на луѓето да бидат насочени кон тоа откровение и кон тоа да го изразат своето поклонение. {КВ 261.2}

Сонцето на Праведноста не го осветлило светот со полн сјај за да ги засени сетилата со Својата слава. За Христа е напишано: „Неговото јавување е како зората". (Осија 6:3) Утрото се раѓа тивко и благо, растерувајќи ги сенките на темнината и будејќи го светот во живот. Така осамнало Сонцето на Праведноста, „со исцелување во Неговите крилја". (Малахија 4:2) {КВ 261.3}

27. „АКО САКАШ, МОЖЕШ ДА МЕ ОЧИСТИШ"

Оваа поглавје е засновано на Матеј 8:2-4; 9:1-8, 32-34; Марко 1:40-45; 2:1-12; Лука 5:12-28

Од сите болести познати на Исток, лепрата била сметана за најстрашна. Неизлечивоста, заразноста и нејзините страшни последици на жртвите, ги исполнувале со страв и срцата на најхрабрите. Меѓу Евреите таа болест била сметана како казна заради гревот и затоа е наречена „удар" или „Божји прст". Длабоко вкоренета, неизлечива, смртоносна, таа болест била сметана како симбол на грев. Според

обредниот закон, лепрозниот бил сметан за нечист. Како некој, кој веќе е мртов, лепрозниот бил отстранет од човечките населби. Сè што тој ќе допрел било нечисто. Воздухот бил заразен од неговиот здив. Оној за кого ќе се посомневало дека боледува од таа болест, морал да се пријави на свештениците, кои тогаш го испитувале неговиот случај и донесувале одлука. Ако бил прогласен за лепрозен, таквиот болен бил изолиран од своето семејство, одвоен од останатите Израелци и осуден да се дружи само со оние кои боледувале од истата болест. Законот не бил флексибилен во тој поглед. Дури ни царевите и владетелите не биле исклучок. Монархот што заболел од таа страшна болест морал да го одложи жезолот и да се повлече од општеството. {КВ 262.1}

Далеку од своите пријатели и своите роднини, лепрозниот морал да го носи проклетството на својата болест. Бил принуден сам да ја објавува својата несреќа, раскинувајќи ја својата облека и да даде знак, предупредувајќи ги останатите да бегаат од него за да не се заразат. Тажниот извик: „Нечист! Нечист!“ се слушал од осамените места и влевал страв и одвратност. {КВ 262.2}

Во областа на Христовата служба имало многу такви страдалници и веста за Неговото дело стигнала до нив и поттикнала зрак на надеж. Меѓутоа, од времето на пророкот Елисеј не се знаело за такво нешто, како што е очистување на оној, кој заболел од таа страшна болест. Тие не се осмелувале од Исуса да очекуваат да го направи за нив она што дотогаш не го направил за никого. Меѓутоа, тука се нашол еден, во чие срце почнала да се буди вера, но не знаел како да дојде до Исуса. Бидејќи му било забрането да Доаѓа во допир со своите ближни како може да излезе пред Исцелителот? Тој се прашувал дали Христос ќе сака да го исцели и него? Дали Тој ќе се наведне за да го забележи оној за кого се верува дека е под Божја казна? Нема ли како фарисеите, па дури и лекарите, да искаже проклетство над него и да му нареди да бега од општествениот живот? Размислувал за сè она што слушнал за Исуса. Никој, кој побарал Негова помош не бил одбиен. Несреќникот одлучил да го најде Спасителот. Иако не смеел да се доближи до градовите, можеби ќе го сретне додека поминува по некои од патчињата долж планинските патишта или додека Тој поучува надвор од градовите. Тешкотиите биле големи, но тоа била негова единствена надеж. {КВ 262.3}

Лепрозниот бил воден кон Спасителот. Исус поучувал покрај езерото и луѓето се собирале околу Него. Стоејќи подалеку, разбрал неколку зборови од усните на Спасителот. Видел како Спасителот ги става Своите раце на болните. Забележал како слепите и оние на смртна постела оздравуваат, фалејќи го Бога заради своето оздравување. Верата зајакнала во неговото срце. Сè повеќе се приближувал до насобраниот народ. Заборавил на ограничувањата што му биле наметнати, на безбедноста на другите и на стравот со кој го набљудувале луѓето. Мислел само на блажената надеж за исцелување. {КВ 263.1}

Неговиот надворешен изглед бил ужасен. Болеста земала замав и ужасно било да се погледне телото што се распаѓа. Кога го здогледале, луѓето со ужас се повлекле. Тие се туркале еден во друг во својата желба да избегнат допир со него. Некои се обидувале да го спречат да не му се доближи на Исуса, но попусто. Тој не ги гледал и не ги слушал. Тој не ги забележувал изразите на гадење. Тој го гледал само Божјиот Син. Тој го слушал само Гласот, Кој дава живот на смртниците. Туркајќи се до Исуса, тој му се фрлил под нозете, велејќи: „Господе! Ако сакаш, можеш да ме очистиш”. {КВ 263.2}

Исус одговорил: „Сакам, биди очистен,“ и ја ставил Својата рака врз него. (Матеј 8:13) {КВ 263.3}

Кај лепрозниот веднаш се забележала промена. Неговото тело станало здраво, неговите нерви чувствителни, неговите мускули цврсти. Исчезнала рапавата, лушпеста кожа, својствена за лепрата, а на нејзино место се појавила румена кожа, како кај здраво дете. {КВ 263.4}

Исус му рекол никому да не му зборува за стореното дело, туку веднаш да се покаже себеси во храмот и да принесе дар. Таквиот дар не бил примен, сè додека свештениците не го прегледаат болниот и не го прогласат за здрав. Иако без волја ја извршувале оваа должност, не можеле да избегнат да го испитаат случајот и да донесат одлука. {КВ 264.1}

Зборовите на Светото Писмо покажуваат со каква итност Христос му наложил на човекот да молчи и веднаш да го направи тоа што му било кажано. „И строго наложувајќи му, го отпушти и му рече: Гледај никому ништо да не кажеш, туку оди, покажи му се на свештеникот и принеси за своето очистување она што заповедал Мојсеј, ним за сведоштво". Кога свештениците би биле запознаени со фактите во врска со исцелувањето на лепрозниот, нивната омраза кон Христа би можела да ги наведе да донесат нечесна одлука. Исус сакал тој човек да се покаже себеси во храмот пред да стигнат до свештениците гласовите за чудото. На тој начин можела да се обезбеди непристрасна одлука, а на излекуваниот од лепра ќе му се дозволи да се врати во кругот на своето семејство и пријатели. {КВ 264.2}

Христос имал на ум и други цели, кога му рекол на тој човек да молчи. Спасителот знаел дека Неговите непријатели постојано се трудат да го спречат Неговото дело и да го одвојат народот од Него. Тој знаел дека, ако се разгласи за исцелувањето на лепрозниот, многу други, кои се болни од таа ужасна болест ќе доаѓаат кај Него и дека околу тоа ќе се подигне врева дека народот ќе се зарази поради допирот со нив. Многу лепрозни не би го употребиле дарот на исцелување како благослов и за нив и за другите. Покрај тоа, кога би ги привлекол лепрозните кон Себе, би пружил повод за обвинување дека ги крши прописите на обредниот закон. На тој начин би било попречено Неговото дело на проповедање на евангелието. {КВ 264.3}

Настаните ја потврдиле оправданоста на Христовото предупредување. Многу луѓе присуствувале на исцелување на лепрозните и сите со нетрпение очекувале да ја дознаат одлуката на свештениците. Кога тој човек му се вратил на своето семејство и на пријателите, настанала голема возбуда. И покрај Исусовото предупредување, тој веќе не се трудел да го прикрие своето оздравување. Всушност, би било невозможно да се сокрие тој факт, но излекуваниот од лепра насекаде зборувал за тоа. Сметајќи дека Исус, само поради Својата скромност барал од него да молчи, тој насекаде ја објавувал моќта на својот Голем Исцелител. Тој не согледувал дека секое такво манифестирање ги прави свештениците и старешините уште порешителни во нивното настојување да го уништат Исуса. Излекуваниот од лепра чувствувал дека благословот на здравјето е многу драгоцено. Бил среќен во силата на својата мажевност и бидејќи се вратил на своето семејство и на општеството, за него било невозможно да се воздржи од славење на Лекарот, Кој го излекувал. Меѓутоа, разгласувајќи го тоа насекаде, резултирало со попречување на делото на Спасителот. Тоа довело до масовно собирање на народот околу Исуса, поради што Тој бил принуден извесен период да ја прекине Својата јавна работа. {КВ 264.4}

Секоја Исусова постапка имала далекусежна цел. Секоја постапка значела многу повеќе отколку што изгледала. Така и во случајот со лепрозниот. Служејќи им на сите оние што Доаѓале кај него, Исус истовремено копнеел да ги благослови и оние што не

Доаѓале. Привлекувајќи ги кон Себе цариниците, незнабошците и Самарјаните, Тој истовремено копнеел по тоа да допре до свештениците и учителите, кои биле затворени со предрасуди и традиции. Не пропуштил ниедно средство со чија помош би можел да допре до нив. Испраќајќи го излекуваниот од лепра кај свештениците, Тој им дал едно сведоштво со кое сакал да ги разоружа нивните предрасуди. {КВ 265.1}

Фарисеите тврделе дека Христовото учење е спротивно на законот што Бог им го дал преку Мојсеј. Тоа обвинување го негирало упатството кое Тој му го дал на излекуваниот губавец да принесе дар според законот. Тоа било доволно сведоштво за секој што сакал да се осведочи. {КВ 265.2}

Водачите од Ерусалим испратиле шпиони да најдат некоја вина кај Христа за да го осудат на смрт. Тој возвратил со тоа што им пружил доказ за Својата љубов кон човештвото, за Своето почитување на законот и за Својата моќ да избави од гревот и смртта. Така, Тој посведочил за нив: „Ми враќаат зло за добро, омраза за Мојата љубов". (Псалм 109:5) Оној, Кој на гората дал правило: „Љубете ги своите непријатели," и Самиот го спроведувал во дело тоа начело, не враќајќи „зло за зло, ниту навреда за навреда, туку напротив," благословувал. (Матеј 5:44; 1. Петрово 3:9) {КВ 265.3}

Оние исти свештеници што го осудиле лепрозниот на прогонство го потврдиле неговото исцелување. Таа одлука, јавно искажана и запишана, била сведоштво за Христа. Кога излекуваниот од лепра повторно се вратил во заедницата на Израелците, откако свештениците потврдиле дека на него нема никаква трага од болеста, тој самиот бил жив сведок за својот Добротвор. Радосно го принел својот дар и го величел Исусовото име. Свештениците биле уверени за божествената сила на Спасителот. Им била дадена можност да ја запознаат вистината и да профитираат од светлината. Ако ја отфрлат, таа ќе помине и никогаш повеќе нема да се врати. Повеќето ја отфрлиле светлината, но Сепак, таа не била попусто дадена. Таа влијаела на срцата на многумина, кои извесен период не манифестирале никакви знаци. За време на животот на Спасителот изгледало дека Неговата мисија наидува на мал одѕив на љубов од свештениците и учителите. Меѓутоа, по Неговото вознесение „многу свештеници станаа послушни на верата". (Дела 6:7) {КВ 265.4}

Делото што го извршил Христос, очистувајќи го лепрозниот од неговата ужасна болест претставува илустрација на Неговото дело на чистење на душата од гревот. Човекот што дошол кај Исуса, бил „сиот лепрозен". Смртоносниот отров на лепрата се пробил низ целото тело. Учениците сакале да го спречат својот Учител од таквиот допир, бидејќи оној, кој би допрел лепрозен би станал нечист. Меѓутоа, Исус не се оскврнил ставајќи ја Својата рака на лепрозниот. Неговиот допир пренел животворна сила. Лепрозниот бил излекуван. Така е и со лепрата на гревот која е длабоко вкоренета; смртоносна и не може да се излекува со човечка сила. „Сета глава е болна, срцето изнемоштено; од глава до петици никаде здраво место, туку повреди, модринки и гнојави рани". (Исаија 1:5,6) Но Исус не се извалкал доаѓајќи да живее меѓу луѓето. Неговото присуство има исцелувачка моќ за грешникот. Секој што ќе падне пред Неговите нозе, велејќи со вера: „Господе, Ако сакаш, можеш да ме очистиш," ќе добие одговор: „Сакам, биди очистен". (Матеј 8:2,3) {КВ 266.1}

Во некои случаи на исцелување Исус не го подарил веднаш Благословот што бил баран. Меѓутоа, во случајот на лепрозниот, молбата била веднаш услишена. Кога се молиме за земни благослови, можеби ќе се одложи одговорот на нашата молитва и можеби Бог ќе ни даде нешто друго, а не она што го бараме. Но не е така, кога бараме избавување од гревот. Негова волја е да се очистиме од гревот, да станеме негови деца

и да не оспособи да живееме свет живот. Христос „се даде Себеси за нашите гревови за да не избави од сегашниот зол свет, според волјата на Бога и нашиот Татко”. (Галатјаните 1:4) И „ова е увереноста што ја имаме во Него: Дека ако побараме нешто според Неговата волја, Тој не слуша; и ако знаеме дека не слуша, што и да побараме, знаеме дека ќе го добиеме она што сме го побарале од Него”. (1. Јованово 5:14,15) „Ако ги исповедаме своите гревови, Тој е верен и праведен да ги прости нашите гревови и да не очисти од секаква неправедност”. (1. Јованово 1:9) {КВ 266.2}

Со исцелувањето на парализираниот во Капернаум, Христос повторно ја поучувал истата вистина. Чудото било извршено за да ја манифестира Својата власт да простува гревови. Исцелувањето на парализираниот илустрира и други драгоцени вистини. Тоа е полно со надеж и охрабрување и заради својата поврзаност со критично настроените фарисеи, тоа исто така претставува и опомена. {КВ 267.1}

Слично на лепрозниот, и овој болен ја изгубил надежта дека ќе оздрави. Неговата болест била последица на грешниот живот и неговите страдања биле уште погорчливи заради грижата на совеста. Тој веќе одамна пред тоа им се обратил на фарисеите и лекарите, надевајќи се дека ќе му ги олесни душевните страдања и телесната болка. Меѓутоа, тие студено изјавиле дека не може да се излекува и го препуштиле на Божјиот гнев. Фарисеите сметале дека несреќата е знак на Божјото негодување и се држеле одвоени од болните и страдалниците. Меѓутоа, токму оние, кои се прикажувале како свети, биле поголеми грешници од страдалниците што ги осудувале. {КВ 267.2}

Фатениот човек бил целосно немоќен па, надевајќи се дека веќе нема никаква помош од никаде, паднал во очај. Тогаш слушнал за Исусовите чудесни дела. Му кажале дека и други, исто толку грешни и немоќни, биле целосно излекувани, дека дури и лепрозните биле очистени. И пријателите што му го кажувале тоа, го храбреле да поверува дека и тој би можел да биде излекуван, ако го однесат кај Исуса. Меѓутоа, при помислата на причината за неговата болест, надежта го напуштала. Стравувал дека чистиот Лекар нема да го толерира него во Неговото присуство. {КВ 267.3}

Меѓутоа, тој не сакал толку телесно исцелување колку што сакал ослободување од товарот на гревот. Кога би можел да го види Исуса и од Него да добие уверување за простување и мир со Небото, би бил задоволен да живее или да умре, според Божјата волја. „О, само кога би можел да дојдам до Него!“ тоа бил неговиот смртен извик. Немало веќе време за губење; неговото ослабено тело веќе покажувало знаци на распаѓање. Ги замолил своите пријатели да го однесат на неговото легло до Исуса и тие радосно го направиле тоа. Меѓутоа, во домот и околу домот каде што бил Спасителот, се собрало толкаво мноштво народ, така што болниот и неговите пријатели не можеле да дојдат до Него, ниту да го слушнат Неговиот глас. {КВ 267.4}

Исус го поучувал народот во домот на Петар. Според нивниот обичај, учениците седеле веднаш до Него, а „таму седеа и фарисеи и учители на законот, кои дојдоа од сите галилејски и јудејски села и од Ерусалим”. Тие дошле како шпиони, со намера да најдат обвинение против Исуса. Освен овие достоинственици се собрало најразлично мноштво на желни луѓе, луѓе со стравопочит, како и љубопитници и скептици. Биле застапени разни народности и сите општествени слоеви. „И силата Господова беше присутна за да исцели”. Духот на животот се надвиснал над собирот, но фарисеите и учителите не го распознале Неговото присуство. Немале чувство дека нешто им недостига и тие не искусиле исцелување. „Гладните ги засити со добра, а богатите ги отпушти празни”. (Лука 1:53) {КВ 267.5}

Луѓето што го носеле парализираниот се обидувале да се пробијат низ толпата, но попусто. Болниот гледал наоколу со неискажлива болка. Како да се откаже од надежта, кога помошта по која копнеел толку долго била толку близу? На негово барање, пријателите го однеле на покривот од куќата. Пробивајќи го покривот го спуштиле пред Исусовите нозе. Проповедта била прекината. Спасителот го погледнал неговото измачено лице и видел очи, кои молежливо го набљудувале. Го сфатил случајот; Тој го привлекол кон Себе тој збунет и сомничав дух. Спасителот ја разбудил совеста на парализираниот човек, уште додека лежел во својот дом. Кога се покајал за своите гревови и поверувал дека Христос може да исцелува, животворната милост на Спасителот го благословила неговото срце полно со копнеж. Исус видел како првиот зрак на надеж се претвора во верување дека Тој е единствениот помошник на грешниците и како тоа верување станува посилно со секој обид да се дојде во Неговото присуство. {КВ 268.1}

Тогаш Спасителот изговорил зборови, кои како музика допреле до ушите на страдалникот: „Охрабри се синко, ти се простуваат твоите гревови”. {КВ 268.2}

Товарот на очај бил симнат од душата на овој болен; на неговиот дух почива мир на простување и го осветлува неговото лице. Болката исчезнала и целото негово битие било преобразено. Немоќниот паралитичар бил исцелен! Грешникот добил простување! {КВ 268.3}

Со едноставна вера тој ги прифатил Исусовите зборови како дар на нов живот. Понатаму не барал ништо повеќе, туку лежел во блажена тишина, премногу среќен за да може тоа да го искаже со зборови. Небесна светлина го осветлувала неговото лице, додека луѓето со восхит и стравопочит ја гледале оваа сцена. {КВ 268.4}

Рабините со нетрпение чекале да видат како Христос ќе постапи со овој случај. Се сетиле како тој човек им се обраќал за помош и како одбиле да му влеат надеж и да покажат сочувство кон него. Тоа сè уште не им било доволно, така што изјавиле дека на себе носи Божјо проклетство заради своите гревови. Сето тоа повторно се појавило во нивниот ум, додека го гледале болниот пред себе. Забележале со колкав интерес сите ја набљудувале оваа сцена и многу се исплашиле да не го загубат своето влијание кај народот. {КВ 268.5}

Овие достоинственици не изговориле меѓусебно ниту еден збор, но, погледнувајќи се еден со друг, на секое лице се читала една иста мисла дека мора нешто да се преземе, за да се запре таа плима на чувства. Исус изјавил дека на парализираниот човек му се простени гревовите. Фарисеите се фатиле за тој збор како за богохулство, убедени дека тоа можат да го прикажат како грев што заслужува смрт. Тогаш рекоа во своите срца: „Тој хули на Бога. Кој може да ги простува гревовите освен Бог?“ (Марко 2:7) {КВ 269.1}

Насочувајќи го Својот поглед кон нив, од кој затреперile и се повлекле, Исус рекол: „Зошто мислите зло во своите срца? Што е полесно, да му се каже на фатениот: Ти се простуваат гревовите, или да му се каже: Стани и оди? Но да знаете дека Синот Човечки има власт на Земјата да простува гревови”. Свртувајќи се кон парализираниот, рекол: „Стани, земи ја својата постела и оди си дома”. {КВ 269.2}

Тогаш човекот што бил донесен кај Исуса на носила, станал на нозе со еластичност и сила на младоста. Низ неговите вени потекла животворна крв. Секој орган од неговото тело наеднаш станал повторно активен. Бледилото на смртта што се приближувала било заменето со руменило. „И тој веднаш стана, ја зеде постелата и излезе пред сите,

така што сите се восхитуваа и го славеа Бога, велејќи: Такво нешто никогаш не сме виделе”. {КВ 269.3}

О, чудесна Христова љубов, што си се надвила да ги исцелиш грешните и страдалниците! Божество, Кое тагува и ги утешува страдањата на човештвото! О, чудесна сило, која на тој начин си им се покажала на синовите човечки! Кој може да се сомнева во пораката на спасение? Кој може да ја омаловажува милоста на сочувствителниот Откупител? {КВ 269.4}

За да се поврати здравјето на тоа тело што се распаѓало, морала да стапи во дејство создавачката сила. Со истиот збор со кој му е даруван животот на човекот создаден од прав, даден е и животот на парализираниот што умирал. Истата сила, која на телото му подарила живот, го обновила срцето. Оној, Кој при создавањето „рече и настана,“ Кој „заповеда и сè се утврди“ (Псалм 33:9), и влеал со Своите зборови живот на душата мртва во престапите и гревовите. Исцелувањето на телото било знак на сила што го обновила срцето. Христос му наложил на парализираниот човек да стане и да оди, „за да знаете,“ рекол Тој, „дека Синот Човечки има власт на Земјата да простува гревови”. {КВ 269.5}

Парализираниот во Христа нашол исцелување на телото и душата. По духовното оздравување следела и обнова на телесното здравје. Оваа поука не треба да се запостави. И денес илјадници болни, слично на парализираниот човек, копнеат по пораката: „Ти се простуваат твоите гревови”. Товарот на гревот, со неговиот немир и неостварени желби, претставува основа за нивната болест. Тие не можат да најдат олеснување, додека не дојдат кај Исцелителот на душата. Мирот што само Тој може да го подари, би дал сила на умот и здравје на телото. {КВ 270.1}

Исус дошол да „ги уништи делата на ѓаволот”. „Во Него имаше живот“ и Тој вели: „Јас дојдов за тие да имаат живот и тоа живот во изобилство”. Тој е „Дух, Кој оживува”. (1. Јованово 3:8; Јован 1:4; 10:10; 1. Коринтјаните 15:45) Тој сè уште ја има истата животворна моќ, како, кога на Земјата ги лекувал болните и им давал простување на грешниците. Тој „ги простува сите твои беззаконија,“ и „ги исцелува сите твои болести”. (Псалм 103:3) {КВ 270.2}

Исцелувањето на парализираниот човек делувало врз народот, како небото да се отворило и да ја открило славата на еден подобар свет. Додека исцелениот човек поминувал низ мноштвото, благословувајќи го Бога на секој чекор и носејќи ги своите носила како да се лесни како пердув, луѓето му правеле пат за да помине и со лица на кои се гледало восхитеност си дошепнувале еден на друг: „Денес видовме чудни нешта”. {КВ 270.3}

Фарисеите биле неми од вчудовиденост и совладани од својот пораз. Виделе дека тука немаат шанси со својата љубомора да го потпалат мноштвото. Чудесното дело извршено над човекот кого тие го предале на Божјиот гнев оставило толку длабок впечаток кај народот, така што рабините за одредено време биле заборавени. Тие виделе дека Христос поседува сила што тие му ја припишувале единствено на Бога, но Сепак Неговото нежно и достоинствено однесување било во очигледна спротивност со нивната горделивост и вообразеност. Биле збунети и посрамени, увидувајќи, но не признавајќи дека се наоѓаат во присуство на едно возвишено Суштество. Колку посилен бил доказот дека Исус има власт на Земјата да простува гревови, толку повеќе тие се утврдувале во своето неверие. Излегле од домот на Петар, каде што виделе како Исус со Својата Реч го исцелил парализираниот, за да смислат нови планови како да го замолчат Божјиот Син. {КВ 270.4}

Христовата сила ја исцелила телесната болест, Колку и да е опасна и сериозна, меѓутоа болеста на душата уште посилно ги обземала оние, кои ги затвориле своите очи за светлината. Лепрата и парализата не биле толку страшни, како предрасудите и неверието. {КВ 271.1}

Кога фатениот човек се вратил во своето семејство, во неговиот дом завладеала огромна радост. Со леснотија ја носел постелата на која пред кратко време внимателно го изнеле од домот. Членовите на семејството се собрале околу него со солзи радосници, одвај осмелувајќи се да им поверуваат на своите очи. Тој стоел пред нив со полна мажевност. Неговите раце, до неодамна безживотни, сега се покорувале на неговата волја. Неговата кожа, која била свената и со темна боја, сега станала свежа и румена. Одел со цврст и лесен чекор. Радост и надеж биле испишани на секоја црта на неговото лице, а наместо знаци на грев и страдање, се појавил израз на чистота и мир. Радосно оддавање на благодарност се издигнувало од тој дом, каде што Бог бил прославен преку Својот Син, Кој ја вратил надежта на безнадежниот и силата на парализираниот. Овој човек и неговото семејство биле подготвени да го дадат животот за Исуса. Никаков сомнеж не ја затемнил нивната вера, никакво неверие не ја слабеело нивната верност кон Оној, Кој донел светлина во нивниот мрачен дом. {КВ 271.2}

28. ЛЕВИЈ МАТЕЈ

Оваа поглавје е засновано на Матеј 9:9-17; Марко 2:14-22; Лука 5:27-39.

Од римските службеници во Палестина, цариниците биле најомразени. Евреите постојано биле лути од фактот дека данок им наметнува една туѓа сила; тоа ги потсетувало на губењето на нивната национална независност. Цариниците не биле само орудие на римското угнетување; тие изнудувале пари од народот за своја корист. Ако некој Евреин би прифатил таква служба кај Римјаните, се сметало дека ја предава честа на својот народ. Го презирале како отпадник и го сметале како еден од најлошите членови на општеството. {КВ 272.1}

На тој општествен слој му припаѓал Левиј-Матеј, кој бил повикан во Христовата служба веднаш по четворицата ученици на Генисаретското Езеро. Фарисеите го проценувале Матеј според неговата професија, но Исус во тој човек видел срце отворено за примање на вистината. Матеј ги слушал проповедите на Спасителот. Кога, под влијание на Светот Дух, ја сфатил својата грешност, сакал да побара помош од Христа, но знаејќи колку рабините биле непристапни, сметал дека и големиот Учител нема да му посвети внимание. {КВ 272.2}

Седејќи еден ден во својата кабина собирајќи патарина, видел како Исус му се приближува. Бил многу изненаден, кога ги слушнал зборовите што му биле упатени: „Следи Ме”. {КВ 273.1}

Матеј „остави сè, стана и тргна по Него”. Не се колебал, не поставувал прашања, не помислил дека својата доходовна професија ќе ја замени со сиромаштија и тежок живот. Му било доволно тоа што ќе биде со Исуса за да ги слуша Неговите зборови и што ќе се соедини со Него во Неговото дело. {КВ 273.2}

Така било и со учениците кои биле повикани порано. Кога Исус ги повикал Петар и неговите другари да тргнат по Него, тие веднаш ги оставиле своите чамци и мрежи. Некои од нив имале пријатели што зависеле од нив, но, примајќи го Спасителовиот повик, не се колебале и не прашувале: „Како ќе живеам и како ќе го издржувам своето

семејство?“ Го послушале повикот, а подоцна, кога Исус ги прашал: „Кога ве пратив без ќесе, без торби и без обувки, дали нешто ви недостигаше?“; можеле да одговорат: „Ништо”. (Лука 22:35) {КВ 273.3}

Матеј со своето богатство, а Андреј и Петар со својата сиромаштија, биле ставени пред истиот тест; исто посветување било направено од страна на секој. Во моментот на успех, кога мрежите биле полни со риби и привлечноста на стариот живот најсилна, Исус ги повикал учениците од езерото да напуштат сè поради делото на евангелието. Така се испитува секоја душа дали е посилна желбата за земното богатство или за заедништво со Спасителот. {КВ 273.4}

Верноста кон начелото секогаш побарува многу. Ниеден човек нема да има успех во Божјата служба, ако не е со сето срце во делото и ако не смета дека сè е безвредно, кога ќе се спореди со прекрасното знаење за Христа. Ниту еден човек, кој задржува нешто од Христа не може да биде Негов ученик, а уште многу помалку негов соработник. Кога луѓето го ценат големото спасение, самопожртвувањето што се покажало во Христовиот живот, ќе се покаже и во нивниот. По кој било пат да ги поведе, тие ќе се радуваат да го следат. {КВ 273.5}

Повикот на Матеј да биде еден од Христовите ученици предизвикало големо негодување. Со изборот на цариник за еден од своите најблиски следбеници, Исус како верски учител ги навредувал верските, општествените и националните обичаи. Фарисеите се надевале дека, користејќи ги предрасудите на народот, ќе успеат да ја свртат струјата на јавното мислење против Исуса. {КВ 273.6}

Многу од цариниците биле заинтересирани. Нивните срца се почувствувале привлечени кон божествениот Учител. Во радоста што станал ученик, Матеј сакал да ги доведе своите бивши колеги кај Спасителот. Затоа подготвил голема гозба во својот дом и ги повикал своите роднини и пријатели. Меѓу нив се наоѓале не само цариници, туку и многу други, кои поради сомнителниот углед биле отфрлени од своите соседи, кои строго се придржувале до прописите. {КВ 273.7}

Гозбата била приредена во чест на Исуса, а Тој не се колебал да ја прифати учтивоста. Добро знаел дека тоа ќе ја навреди фарисејската партија и дека ќе го доведе во опасност Неговиот углед во очите на народот. Меѓутоа, никакви обзири од политиката не можеле да влијаат на Неговите постапки. За Него надворешните разлики немале никакво значење. Тоа што го привлекувало Неговото срце била една душа жедна за водата на животот. {КВ 274.1}

Исус седел како почесен гостин на трпезата со цариниците, покажувајќи со Своето сочувство и љубезност дека го признава достоинството на човекот. Тие луѓе копнееле да станат достојни за Неговата доверба. На нивните жедни срца, Неговите зборови паѓале со благословена, животворна сила. Се буделе нови желби и на душите што биле отфрлени од општеството им се укажала можност за нов живот. {КВ 274.2}

На таквите собири имало многу луѓе на кои учењето на Спасителот оставило длабок впечаток и кои го признале дури по Неговото вознесение. Кога дошло до излевање на Светиот Дух и кога три илјади лица се обратиле во текот на еден ден, меѓу нив биле многумина кои првпат ја слушнале вистината на трпезата на цариниците, а некои од нив станале гласници на евангелието. За Матеј, примерот што му го дал Исус на оваа гозба претставувал трајна поука. Презрениот цариник станал еден од најпосветените евангелисти, одејќи грижливо по стапките на својот Учител. {КВ 274.3}

Кога дознале за Исусовото присуство на гозбата на Матеј, рабините ја искористиле и таа можност да го обвинат. Меѓутоа, овој пат одлучиле да делуваат преку учениците.

Се надевале дека поттикнувајќи ги нивните предрасуди, ќе ги отуѓат од нивниот Учител. Нивната политика се состоела во тоа да го обвинат Христа кај учениците, а учениците кај Христа, насочувајќи ги своите стрели таму, каде што најверојатно ќе зададат рани. Ова е начин на кој делувал сатаната уште откако станал незадоволен на Небото и неговиот дух ги поттикнува сите оние, кои се трудат да создадат неслога и разидување. {КВ 275.1}

„Зошто вашиот Учител јаде и пие со цариници и грешници?“ прашувале рабините. {КВ 275.2}

Исус не чекал Неговите ученици да одговорат на обвинението, туку Самиот одговорил: „На здравите не им треба лекар, туку на болните. Но одете и научете што значи: Повеќе сакам милост отколку жртва. Зашто Јас не дојдов да ги повикам праведниците, туку грешниците на покајание”. Фарисеите се сметале за духовно здрави и дека не им е потребен лек, додека за цариниците и незнабошците тврделе дека пропаѓаат поради духовна болест. Зар тогаш Неговото дело не се состоело во тоа како Лекар да оди токму кај оние луѓе на кои Неговата помош им била потребна? {КВ 275.3}

Меѓутоа, иако имале толку високо мислење за себе, фарисеите всушност биле во полоша состојба, отколку луѓето кои тие ги презирале. Цариниците имале помалку предрасуди и биле помалку самозадоволни и затоа биле отворени за влијанието на вистината. Исус им рекол на рабините: „Одете и научете што значи: Повеќе сакам милост отколку жртва”. Со тоа покажал дека иако тие тврдат дека ја објаснуваат Божјата Реч, воопшто не го познаваат нејзиниот дух. {КВ 275.4}

Фарисеите молчеле извесен период, но затоа станале порешителни во своето непријателство. Ги побарале учениците на Јован Крстителот, настојувајќи да ги поттикнат против Спасителот. Фарисеите не ја прифатиле мисијата на Крстителот. Тие подбивно укажувале на неговиот живот полн со самооткажување, на неговите едноставни навики, на неговата груба облека и го прогласиле за фанатик. Затоа што тој го осудувал нивното лицемерство, тие давале отпор на неговите зборови и се обидувале да го свртат народот против него. Божјиот Дух работел на срцето на тие подбивачи, укажувајќи им на гревот, но тие ја отфрлиле Божјата опомена, изјавувајќи за Јован дека бил опседнат со ѓаволот. {КВ 275.5}

Сега, кога Исус се дружел со луѓето и кога јадел и пиел на нивната трпеза, тие го обвиниле дека е ненаситник и пијаница. Овие обвинувања биле токму од оние, кои самите биле такви. Како што сатаната погрешно го прикажува Бога и му припишува свои сопствени особини, така тие безбожни луѓе лажно ги претставувале Господовите гласници. {КВ 276.1}

Фарисеите не сакале да увидат дека Исус јадел со цариниците и грешниците за да им донесе небесна светлина на оние кои биле во темнина. Тие не сакале да увидат дека секој збор на божествениот Учител бил живо семе кое ќе изрти и ќе роди плод на слава на Бога. Тие биле решителни да не ја примат светлината и иако се спротивставувале на мисијата на Јован Крстителот, сега биле подготвени да им се додворуваат на неговите ученици со надеж дека ќе издејствуваат нивна соработка против Исуса. Тие тврделе дека Исус ги анулира старите обичаи и ја споредувале строгата побожност на Јован Крстителот полна со самооткажување со однесувањето на Исус, Кој јадел со цариниците и грешниците. {КВ 276.2}

Во тоа време Јовановите ученици биле во голема жалост. Тоа било пред да дојдат кај Исуса со Јовановата порака. Нивниот сакан учител бил во затвор и тие ги поминувале деновите во тага. Исус не се обидел да го ослободи Јован и дури изгледало дека Тој го

дискредитира неговото учење. Ако Јован бил испратен од Бога, зошто Исус и Неговите ученици одат по патот, кој толку се разликува од неговиот? {КВ 276.3}

Јовановите ученици немале јасно разбирање за Исусовото дело и мислеле дека обвинувањата на фарисеите можеби имаат некоја основа. Се придржувале до многу правила што ги одредувале рабините, па дури и се надевале дека ќе се оправдаат со делата на законот. Евреите сметале дека постот е добро дело и најстрогите меѓу нив постеле два дена секоја седмица. Фарисеите и Јовановите ученици постеле, кога вторите дошле кај Исуса со прашањето: „Зошто ние и Фарисеите постиме често, а Твоите ученици не постат?“ {КВ 276.4}

Исусовиот одговор бил многу благ. Тој не се обидувал да го исправи нивното погрешно сфаќање во поглед на постот, туку само да ги исправи во поглед на Својата мисија. Тоа го направил на тој начин што го користел истиот сликовит приказ што го користел и Јован Крстителот во своето сведоштво за Исуса. Јован рекол: „Оној што има невеста е младоженец; а пријателот на младоженецот, кој стои и го слуша, многу се радува што го слуша гласот на младоженецот. И така, оваа моја радост се исполни”. (Јован 3:29) Јовановите ученици не можеле, а да не се сетат на зборовите на својот учител, кога Исус, употребувајќи го истиот пример, рекол: „Можете ли да ги натерате сватовите да постат додека младоженецот е со нив?“ {КВ 276.5}

Кнезот на Небото бил меѓу Својот народ. Светот го добил најголемиот Божји дар. Радост за сиромашните, бидејќи Христос дошол да ги направи наследници на Своето царство. Радост за богатите, бидејќи ќе ги научи како да стекнат вечно богатство. Радост за неуките, бидејќи ќе ги направи мудри за спасение. Радост за учените, бидејќи ќе им открие подлабоки тајни, отколку оние што тие некогаш ги разбрале; со мисијата на Спасителот, на луѓето ќе им бидат откриени вистините што биле сокриени уште од создавањето на светот. {КВ 277.1}

Јован Крстителот се израдувал што го видел Спасителот. Колку тогаш поголеми причини за манифестирање на радост имале учениците, кои биле почестени со предноста да одат и да разговараат со Височество на Небото! За нив тоа не било време да плачат и да постат. Морале да го отворат своето срце, за да ја примат светлината на Неговата слава, за да можат да им пренесат светлина на оние што седат во темнина и во смртна сенка. {КВ 277.2}

Сликата што Христос ја прикажал со овие зборови, била блескава, но над неа лежела темна сенка, која само Тој ја видел. „Но, ќе дојде време, кога ќе се земе младоженецот од нив и тогаш тие ќе постат”. рекол Тој. Кога ќе го видат Својот Господ предаден и распнат, учениците ќе тагуваат и ќе постат. Во Своите последни зборови што им ги упатил во горната соба, Тој рекол: „Уште малку и нема да ме видите, и пак малку, па ќе ме видите. Вистина, вистина, ви велам, вие ќе плачете и ќе тагувате, а светот ќе се радува. Вие ќе бидете тажни, но вашата тага ќе се претвори во радост”. (Јован 16:19,20) {КВ 277.3}

Кога ќе воскресне од гробот, нивната тага ќе се претвори во радост. По вознесувањето Тој ќе биде лично отсутен, но преку Утешителот ќе биде со нив и затоа тие нема да го поминуваат своето време во тажење. Тоа било она што Сатаната го сакал. Тој сакал тие на светот да му дадат впечаток дека биле измамени и разочарани, но тие морале со вера да гледаат во светилиштето горе, каде што Исус служел за нив; тие требало да го отворат своето срце за Светиот Дух, Неговиот претставник и да се радуваат во светлината на Неговото присуство. Ќе дојдат денови на искушение и неволја, кога ќе дојдат во судир со владетелите на овој свет и водачите на царството на

темнината, кога Христос нема лично да биде со нив и кога нема да бидат во состојба да го распознаат Утешителот и тогаш ќе имаат можност да постат. {КВ 277.4}

Фарисеите настојувале да се воздигнат себеси придржувајќи се строго за надворешните форми, додека срцата им биле полни со завист и неслога. „Ете,“ кажува Писмото, „вие постите за караници и расправии и со тупаница да биете безбожно. Немојте да постите веќе како денеска и ќе се чуе вашиот глас во висините. Таков ли е постот што го определив: ‘Човекот ја мачи својата душа еден ден; да ја наведнува главата надолу како трска и да постила под себе вреќиште и пепел?’ Тоа пи ќе го наречеш пост и угоден ден на Господа?“ (Исаија 58:4,5) {КВ 278.1}

Вистинскиот пост не е само формалност. Писмото го опишува постот што го избрал Бог „Да ги раскинеш оковите на неправдата, да ги разврзеш врските на јаремот, да ги пуштиш на слобода угнетените и да го скршиш секој јарем”. Да „му ја отвориш својата душа на гладниот, да ја наситиш душата на неволниот”. (Исаија 58:6,10) Овде е прикажан вистинскиот дух и карактер на Христовата работа. Целокупниот Негов живот бил жртвување на Себеси заради спасение на светот. Без разлика дали постел во пустината на искушението или тоа што јадел со цариниците на гозба кај Матеј, Тој го давал Својот живот за откуп на загубените. Вистинскиот дух на преданост не се покажува во бесполезно тагување, измачување на телото и изобилство на жртви, туку во предавање на себеси во служба на Бога и човекот. {КВ 278.2}

Продолжувајќи го Својот одговор на Јовановите ученици, Исус изговорил една парабола, велејќи: „Никој не пришива на стара облека крпа од нова облека, зашто и новата ќе се отпара, а на старата не и прилега нова крпа”. Веста на Јован Крстителот не треба да се спојува со традициите и суеверието. Обидите да се спојат преправањата на фарисеите со Јовановата посветеност само би го направиле поочигледен јазот што постои меѓу нив. {КВ 278.3}

Исто така, ниту начелата на Христовата наука не можеле да се спојат со фарисејските обреди. Христос не требало да го премости постоечкиот јаз направен со Јовановото учење, туку спротивноста меѓу старото и новото да ја направи уште појасна. Исус понатаму го опишал ова, велејќи: „Никој не става ново вино во стари мевови; инаку мевовите се кинат, виното истекува и мевовите пропаѓаат”. Мевовите што се употребуваат за чување на ново вино по извесен период стануваат суви и трошни и така непогодни повторно да служат за истата цел. Со тој пример што им бил познат, Исус ја прикажал состојбата на еврејските поглавари. Свештениците, книжевниците и поглаварите биле утврдени во калапот на церемониите и традициите. Нивните срца се собрале како исушените мевови со кои Тој ги споредил. Сè додека се задоволувале со формална религија, било невозможно да станат чувари на живата небесна вистина. Тие сметале дека нивната сопствена праведност е доволна и не сакале некој нов елемент да биде внесен во нивната религија. Божјата добра волја кон луѓето тие не ја примале како нешто што е одвоено од нив. Тие ја поврзувале со сопствените заслуги за своите добри дела. Верата што работи преку љубовта и ја чисти душата не може никако да биде соединета со верата на фарисеите сведена на церемонии и човечки прописи. Попусти би биле обидите Исусовото учење да се спои со постоечката вера. Божјата животворна вистина, како виното што преврива, би ги уништила старите, гнили мевови на фарисејската традиција. {КВ 278.4}

Фарисеите сметале дека се премногу мудри за им бидат потребни поуки и премногу праведни за да им е потребно спасение, премногу почестени за да им биде потребна почест што Доаѓа од Христа. Спасителот се свртел од нив за да најде други

што ќе ја примат небесната вест. Кај неуките рибари, кај цариникот на пазарот, кај жената Самарјанка, кај обичните луѓе, кои го слушале со задоволство, Тој нашол нови мевови за ново вино. Оние души што со задоволство ја примаат светлината испратена од Бога претставуваат орудија во евангелското дело. Тие се негови посредници за ширење на познавањето на вистината во светот. Ако припадниците на Неговиот народ преку Христовата благодат станат нови мевови, Тој ќе ги наполни со ново вино. {КВ 279.1}

Христовото учење, иако било прикажано со ново вино, не било нова наука, туку откровение на она што било учено од самиот почеток. Меѓутоа, Божјата вистина за фарисеите го изгубила своето првобитно значење и убавина. За нив Христовото учење речиси во секој поглед било ново и целосно непрепознаено и непризнато. {КВ 279.2}

Исус укажал на силата што ја има лажното учење во уништувањето на ценењето и копнежот по вистината. „Никој," рекол Тој, „пиејќи старо вино, не сака ново, зашто вели: Старото е поубаво". Целокупната вистина што е дадена преку патријарсите и пророците блескала со нова убавина во Христовите зборови. Меѓутоа, книжевниците и фарисеите немале желба за драгоценото ново вино. Додека од нивните души или срца не се испразнат старите традиции, обичаи и практики, во умот или срцето нема место за Христовото учење. Тие цврсто се држеле за мртвите форми и се одвратиле од живата вистина и од Божјата сила. {КВ 279.3}

Тоа довело до пропаст на Евреите и ќе доведе до пропаст на многу души и во наше време. Илјадници и илјадници луѓе паѓаат во истата онаа заблуда, поради која Христос ги укорил фарисеите на гозбата во куќата на Матеј. За да не се откажат од некои омилени поими или за да не отфрлат некое мислење кое за нив е идол, многумина ја отфрлаат вистината што Доаѓа од Таткото на светлината. Тие се премногу самоуверени, се потпираат на сопствената мудрост и не ја увидуваат својата духовна сиромаштија. Тие бараат да бидат спасени со тоа што ќе направат некое значајно дело. Кога ќе видат дека нема начин во Божјото дело да го вткајат своето „јас", тие го отфрлаат понуденото спасение. {КВ 280.1}

Формалната вера никогаш не може да води души кон Христа, бидејќи тоа е вера без љубов и без Христа. На Бога му се одвратни постот и молитвите кои произлегуваат од самооправдувачкиот дух. Свечените собири за богослужение, верските обреди, надворешната понизност, импресивната жртва сето тоа објавува дека оние кои го прават тоа, се сметаат себеси за праведни и дека имаат право на Небото но сето тоа е измама. Спасението никогаш не може да се купи со нашите сопствени дела. {КВ 280.2}

Како што било во времето на Христа, така е и денес; фарисеите не се свесни за својата духовна сиромаштија. Ним им е упатена веста: „Зашто тврдиш богат сум и се збогатив и ништо не ми треба; а не знаеш дека ти си беден, мизерен, сиромав, слеп и гол. Те советувам да купиш од Мене злато пречистено во оган, да се збогатиш и бела облека, за да се облечеш и да не се гледа срамот на твојата голотија". (Откровение 3:17, 18) Верата и љубовта се злато прочистено во оган. Меѓутоа, кај многумина златото потемнело, богатата ризница е изгубена. За нив Христовата праведност е како необлечена облека, како недопрен извор. За нив е кажано: „Имам нешто против тебе, затоа што си ја оставил својата прва љубов. Затоа сети се од каде си паднал, покај се и врши ги првите дела; ако не, скоро ќе ти дојдам и ќе го отстранам твојот свеќник од неговото место, ако не се покаеш". (Откровение 2:4,5) {КВ 280.3}

„Жртва на Бога е смирен дух; срце скрушено и понизно, Боже, нема да презреш". (Псалм 51:17) Човекот мора да се испразни од своето ,,јас" пред да може да биде во

вистинска смисла верник во Исуса. Кога човекот ќе се откаже од себе, тогаш Господ може да направи од истиот ново создание. Ново вино можат да држат само нови мевови. Христовата љубов ќе го вдахне верникот со нов живот. Во оние, кои постојано гледаат во Началникот и Свршителот на верата, ќе се одразува Неговиот карактер. {КВ 280.4}

29. САБОТАТА

Саботата била посветена при создавањето на светот. Онака како што е одредена за човекот, таа води потекло од времето, кога „пееја заедно утринските ѕвезди и кога Божјите синови извикуваа од радост". (Јов 38:7) Над светот почивал мир, бидејќи Земјата била во хармонија со Небото. „И виде Бог сè што создаде и ете беше многу добро" (Создавање 1:31); и си почина, радувајќи му се на Своето завршено дело. {КВ 281.1}

Затоа што одмарал во саботата „Бог го благословил седмиот ден и го посветил" одредувајќи го тој ден за света употреба. Тој му ја дал саботата на Адам, како ден за одмор. Таа била спомен на делото на создавањето, а со тоа и знак на Божјата сила и Неговата љубов. Писмото кажува: „Тој направил чудесата Негови да не се заборават". „Нештата кои се создадени," ги објавуваат „Неговите невидливи особини од создавањето на светот" и „Неговата вечна сила и божество". (Создавање 2:3; Псалм 111:4; Римјаните 1:20) {КВ 281.2}

Сè е создадено од Божјиот Син. „Во почетокот беше Речта и Речта беше со Бога... сè стана преку Него и ништо што стана, не стана без Него". (Јован 1:1-3) Бидејќи саботата е спомен на делото на создавањето, таа е знак за Христовата љубов и моќ. {КВ 281.3}

Саботата ги насочува нашите мисли на природата и не води во заедница со Творецот. Во песните на птиците, во шумот на дрвјата, во музиката на морето сè уште можеме да го чуеме гласот на Оној, Кој разговарал со Адам во Едемската градина, во квечерината на денот. И како што ја набљудуваме Неговата сила во природата, наоѓаме утеха, бидејќи Зборот што создал сè е оној Збор што дава живот на душата. Тој „Кој и заповедал на светлината да засветли од темнината, засвети во нашите срца за да ги осветли со познавањето на Божјата слава во лицето на Исус Христос". (2. Коринтјаните 4:6) {КВ 281.4}

Таа мисла ја мотивирала песната: {КВ 282.1}

„Господе, ме израдува со Своите дела,
И ќе се радувам за делата на Твоите раце.
О, Господе, колку се големи Твоите дела,
и длабоки мислите Твои!"
(Псалм 92:4,5) {КВ 282.2}

Светиот Дух преку пророкот Исаија кажува: „Со кого ќе го уподобите Бога? И со каков лик ќе го споредите?... Зар не знаете? Зар не сте чуле? Нели ви е од искон откриено? Зар не сте сфатиле откако се поставиле темелите на Земјата? Тој седи над земјиниот круг и пред Него жителите се како скакулци. Тој небесата ги распростре како завеса, ги распнал како шатор за живеење... Со кого ќе Ме споредите, кој е рамен со Мене?" вели Светиот. „Подигнете ги очите и погледнете: Кој го создал тоа? Кој ја изведува сета таа војска по број и го повикува секој по име; поради Неговата сила и

огромна моќ не изоставува ниедно. Зошто зборуваш Јакове, и зошто велиш Израеле: Патот мој е скриен пред Господа и правдата моја му избегнува на мојот Бог? Зар не знаеш? Зар не си чул дека вечниот Бог, Господ, Создателот на земните краишта, не омалаксува ниту се уморува? Тој му дава сила на измореният и на слабиот му ја умножува крепоста". „Не бој се, зашто Јас сум со тебе, не се вознемирувај зашто Јас сум твој Бог. Јас ќе те закрепам и јас ќе ти помогнам; јас ќе те поддржам со десницата на Мојата праведност". „Обратете се кон Мене за да се спасите, сите земни краишта, зашто јас сум Бог и нема друг". Таа вест е запишана во природата, а цел на саботата е да го сочува споменот на тоа. Кога му наредил на Израел да ги празнува Неговите саботи, Господ рекол: „Тие ќе бидат знак меѓу Мене и вас, за да знаете дека Јас сум Јехова вашиот Бог". (Исаија 40:18-29; 41:10; 45:22; Езекиел 20:20) {КВ 282.3}

Саботата била опфатена со законот даден на Синај, но таа не била тогаш првпат објавена како ден за одмор. Израелците знаеле за саботата пред да дојдат до Синај. На патот до таму тие ја празнувале. Кога некои ја обесветиле, Господ ги укорил, велејќи: „До кога ќе одбивате да ги држите Моите заповеди и Моите закони?" (Излез 16:28) {КВ 283.1}

Саботата не била одредена само за Израел, туку и за целиот свет. Таа му е објавена на човекот во Едем и, како и останатите прописи од Декалогот, таа претставува неминлива обврска. За тој закон, кој ја содржи четвртата заповед, Христос вели: „Додека постојат небото и Земјата, нема да исчезне ниту една цртичка и ниту една титла од законот". Сè додека постојат небото и Земјата, саботата ќе биде знак на моќта на Творецот. Кога на Земјата повторно ќе процути Едем, Божјиот свет ден за одмор ќе го почитуваат сите под Сонцето. „Од сабота во сабота" секој жител на прославената нова земја ќе Доаѓа „да се поклони пред Мене, вели Господ". (Матеј 5:18; Исаија 66:23) {КВ 283.2}

Од сите прописи што им биле дадени на Евреите, саботата најмногу ги одвојувала од околните народи. Бог одредил празнувањето на саботата да ги означува Евреите како Негови поклоници Таа била симбол на нивното одвојување од идолопоклонството и нивната врска со вистинскиот Бог. Меѓутоа, за да ја празнуваат саботата како света, луѓето и сами мораат да бидат свети. Тие со вера мораат да станат учесници во Христовата праведност. Кога на Израелците им била дадена заповед „Помни го денот саботен за да го празнуваш," Господ исто така им рекол: „Ќе ми бидете свет народ". (Излез 20:8; 22:31) Само на тој начин саботата можела да ги издвои Израелците како Божји поклоници. {КВ 283.3}

Кога Евреите се одвоиле од Бога и пропуштиле преку вера Христовата праведност да ја направат своја, саботата го изгубила своето значење за нив. Во настојување да се издигне себеси и да ги оттргне луѓето од Христа, сатаната настојувал да ја изопачи саботата, бидејќи таа е знак на Христовата сила. Еврејските поглавари ја исполниле волјата на сатаната, кога го опкружиле Божјиот ден за одмор со мачни барања и прописи. Во Христово време саботата била толку изопачена, што придржувањето кон неа го одразувала карактерот на себични и самоволни луѓе, а не карактерот на небесниот Татко полн со љубов. Рабините во суштина го претставувале Бога како Оној, Кој дава закони на кои луѓето не можат да им се покоруваат. Тие го наведувале светот да го смета Бога како тиранин и на заклучок дека луѓето стануваат тврдокорни и сурови ако ја празнуваат саботата како што го бара тоа Бог. Христовото дело се состоело во тоа да ги расчисти тие погрешни сфаќања. Иако рабините го следеле Христа со своето немилосрдно непријателство, Тој дури ни навидум не се прилагодувал на нивните

барања, туку одел напред, празнувајќи ја саботата во сообразност со Божјиот закон. {КВ 283.4}

Една сабота, враќајќи се од местото на богослужение, Спасителот и Неговите ученици минувале низ едно поле со зрело жито. Исус ја продолжил Својата работа до доцна, па учениците, минувајќи низ полето почнале да откинуваат класје жито и да ги јадат зрната, откако го триеле со рацете. Во кој било друг ден таквата постапка не би предзивикала никакви забелешки, бидејќи поминувајќи низ нива, овоштарник или лозје, секој слободно можел да набере она што сакал да јаде. (Види Второзаконие 23:24,25) Меѓутоа, да се направи тоа во сабота се сметало за обесветување. Не само што откинувањето на класјето било сметано како некој вид жетва, туку и триењето со раце било сметано за некој вид вршидба. Така, според мислењето на рабините, тоа бил двоен престап. {КВ 284.1}

Шпионите веднаш се пожалиле на Исуса, велејќи: „Ете, учениците твои прават нешто што не е дозволено да се прави во сабота". {КВ 284.2}

Кога бил обвинет дека во Витезда ја прекршил саботата, Исус се бранел со тврдењето дека е Божји Син, објавувајќи дека работел во хармонија со Таткото. Сега, кога Неговите ученици биле нападнати, Тој на обвинителите им навел примери од Стариот Завет за делата, кои во сабота ги извршиле оние, кои биле во Божја служба. {КВ 284.3}

Еврејските учители се гордееле со своето познавање на Светото Писмо, а одговорот на Спасителот содржел премолчен прекор што им бил упатен заради непознавање на светите списи. „Зар не сте читале," рекол Тој, „што стори Давид кога огладне тој и тие кои беа со него; како влезе во Божјиот дом и ги зеде и јадеше од поставените лебови,... што не е законски да ги јаде никој освен свештениците?" „И им рече: 'Саботата е создадена поради човекот, а не човекот поради саботата'". „Зар не сте читале во законот дека во саботни денови свештениците во храмот ја нарушуваат саботата, и не се виновни? Но, Јас ви велам дека тука има Еден, Кој е поголем од храмот". „Синот Човечки е господар и на саботата". (Лука 6:3,4; Марко 2:27, 28; Матеј 12:5,6) {КВ 285.1}

Ако Давид бил во право, кога ја задоволил својата глад, јадејќи леб што бил одвоен за света употреба, тогаш и учениците биле во право, кога ја задоволиле својата потреба на тој начин што береле класје во светите саботни часови. Од друга страна, свештениците во храмот извршувале поголема работа во сабота, отколку другите денови. Истата таа работа во земните нешта би била грешна, меѓутоа, работата на свештениците била во служба на Бога. Тие ги извршувале оние обреди, кои укажувале на Христовата моќ на избавување и нивната работа била во склад со намената на саботата. Меѓутоа, сега дошол Самиот Христос. Вршејќи го Христовото дело, учениците ја извршувале Божјата служба и она што било неопходно за остварување на тоа дело било исправно да се прави во саботен ден. {КВ 285.2}

Христос сакал да ги поучи Своите ученици и Своите непријатели дека Божјата служба доаѓа пред сè останато. Целта на Божјото дело во овој свет е избавување на човекот. Според тоа, она што е неопходно да се прави во сабота заради остварување на тоа дело е во склад со законот за саботата. Исус тогаш го крунисал Својот аргумент, објавувајќи за Себеси дека е: „Господар на саботата" Некој, Кој е над секое прашање и над секој закон. Бесконечниот Судија ги ослободил учениците од вината, повикувајќи се на оние прописи за чија повреда тие биле обвинети. {КВ 285.3}

Исус не останал само на тоа што ги укорил своите непријатели. Тој рекол дека во своето слепило тие погрешно ја сфатиле целта на саботата. Тој рекол: „Кога би знаеле

што значат зборовите: Милост сакам а не жртва, немаше да ги осудите невините". (Матеј 12:7) Многубројните празни обреди не можат да го надополнат недостатокот на вистинска искреност и нежна љубов, кои секогаш го карактеризираат вистинскиот Божји поклоник. {КВ 285.4}

Христос повторно ја потврдил вистината дека жртвите сами по себе немаат никаква вредност. Тие биле средство, а не цел. Тие требало да им укажат на луѓето на Спасителот и така да ги доведат во хармонија со Бога. Бог ја цени службата од љубов. Ако тоа го нема, самата рутина на церемонии е навреда за Него. Така е и со саботата. Таа имала цел да ги доведе луѓето во заедница со Бога, но оваа цел не може да се постигне, кога умот е окупиран со заморни обреди. Формалното празнување на саботата значело исмејување. {КВ 286.1}

Влегувајќи една сабота во синагогата, Исус здогледал човек со сува рака. Фарисеите го следеле, желни да видат што ќе направи. Спасителот добро знаел дека ќе го сметаат за престапник ако лекува во сабота, но не се двоумел да го сруши ѕидот на традиционалните барања со кои била оградена саботата. Го повикал болниот човек да стане, а потоа прашал: „Дали е дозволено во сабота да се прави добро или зло? Да се спаси живот или да се погуби?" Меѓу Евреите важело начелото дека да не се прави добро, кога се има прилика за тоа, значи да се прави зло, да не се спаси нечиј живот, значи да се убие. На овој начин Исус се сретнал со рабините на нивно сопствено тло. „А тие молчеа. Па кога ги изгледа со гнев и ожалостен заради окоравеноста на нивните срца, му рече на човекот: Протегни ја раката. Тој ја протегна и таа му стана здрава, како и другата". (Марко 3:4,5) {КВ 286.2}

Кога бил запрашан: „Дозволено ли е да се исцелува во саботите?" Исус одговорил: „Кој човек од вас, ако има една овца, и таа падне во саботен ден во јама, нема да ја фати и нема да ја извади? А колку повеќе вреди човекот од овцата? И така во сабота е дозволено да се прави добро". (Матеј 12:10-12) {КВ 286.3}

Во присуство на мноштвото, шпионите не се осмелувале да му одговорат на Христа, стравувајќи сами да не западнат во незгода. Знаеле дека Тој ја зборува вистината. Тие повеќе би дозволиле човекот да страда, отколку да ги повредат своите традиции, додека биле подготвени да спасат животно само сопственикот да не биде материјално оштетен, ако истото биде занемарено. Со тоа покажале поголема грижа за немото животно отколку за човекот, кој е создаден според Божји лик. Тука се манифестира природата на сите лажни вери. Тие произлегуваат од желбите на човекот да се издигне над Бога, а доведуваат до тоа човекот да стане понизок од животните. Секоја религија, која се бори против врховната Божја власт му ја одзема на човекот славата што ја имал при создавањето и која му се враќа во Христа. Секоја лажна религија ги учи своите следбеници да не водат грижа за човечките потреби, страдања и права. Евангелието придава голема вредност на човечкиот род, бидејќи е откупен со Христовата крв и не учи нежно да водиме сметка за желбите и неволјите на човекот. Господ вели: „Ќе сторам човекот да вреди повеќе од чисто злато, повеќе од злато офирско". (Исаија 13:12) {КВ 286.4}

Кога Исус им го поставил на фарисеите прашањето дали е законски да се прави добро или зло во сабота, да се спасува животот или да се убива, Тој ги соочил со нивните сопствени зли намери. Тие со омраза и огорченост го ловеле Неговиот живот, додека Тој спасувал животи и донесувал среќа на многу луѓе. Дали било подобро да се убие во сабота, како што тие планирале да направат, или да се лекуваат болните, како што правел Тој? Дали било поправедно да се смислува убиство во своето срце во светиот

Божји ден или да се љубат сите луѓе, нешто што наоѓа израз во милосрдни дела? {КВ 287.1}

Лекувајќи ја сувата рака, Исус го осудил еврејскиот обичај, а четвртата заповед ја ставил на нејзиното од Бога дадено место. „Во сабота е дозволено да се прави добро," објавил Тој. Отстранувајќи ги бесмислените ограничувања на Евреите, Христос покажал почит кон саботата, додека оние што го напаѓале, го омаловажувале Божјиот свет ден. {КВ 287.2}

Оние што сметаат дека Христос го укинал законот, учат дека Тој ја погазил саботата и ги оправдал Своите ученици, кои истото го сториле. Со тоа всушност имаат ист став како Евреите, кои му префрлале на Христа. Со тоа тие му противречат на сведоштвото на Христа, Кој рекол: „Јас ги запазив заповедите на Мојот Татко и останувам во Неговата љубов". (Јован 15:10) Ниту Спасителот, ниту Неговите следбеници не ја престапиле четвртата заповед. Христос бил жив претставник на законот. Во Неговиот живот не можел да се најде ниту еден прекршок на Неговите свети прописи. Фрлајќи поглед на едно мноштво сведоци, кои барале можност да го осудат, Тој можел неоспорно да каже: „Кој од вас ме обвинува за грев?" (Јован 8:46) {КВ 287.3}

Спасителот не дошол да го отфрли она што го зборувале патријарсите и пророците, зашто Тој Самиот зборувал преку овие претставници. Сите вистини на Божјата Реч произлегле од Него. Меѓутоа, тие непроценливи скапоцености биле ставени во погрешни рамки. Нивната драгоцена светлина е користена за да се поткрепи заблудата. Бог сакал сите скапоцености да се извадат од рамките на заблудата и да ги врати во рамките на вистината. Тоа дело можело да го изврши само божествена рака. Преку својата поврзаност со заблудата, вистината почнала да служи за целите на непријателот на Бога и на човекот. Христос дошол да ја постави на она место, на кое ќе го прослави Бога и ќе работи за спасение на човештвото. {КВ 287.4}

„Саботата е создадена поради човекот, а не човекот поради саботата," рекол Исус. Установите што Бог ги воспоставил се за корист на човештвото. „Сите нешта се заради нас". „Било Павле или Аполос, или Кифа, или светот, или животот, или смртта, или сегашно или идно сè е ваше, вие пак сте Христови, а Христос е Божји". (2. Коринтјаните 4:15; 1. Коринтјаните 3:22,23) Законот од десет заповеди, во чиј состав е и саботата, Бог му го дал на Својот народ како благослов. Мојсеј кажал: „И ни нареди Господ," рекол Мојсеј, „да ги извршуваме сите овие уредби, да се боиме од Господ, нашиот Бог, за да ни биде добро секогаш, за Тој да ни го запази животот". (Второзаконие 6:24) На Израел преку псалмистот му е дадена вест: „Служете му на Господа весело; дојдете пред лицето Негово пеејќи. Знајте дека Господ е Бог; Тој не создал, а не ние самите себе; ние сме Негов народ и овци на Неговото пасиште. Влезете низ Неговите порти со благодарност и во дворовите Негови со пофалба". (Псалм 100:2-4) А за сите што ја пазат „саботата за да не ја осквернат," изјавува Господ, „нив ќе ги доведам на Мојата света гора и ќе ги развеселам во Мојот молитвен дом". (Исаија 56:6,7) {КВ 288.1}

„Така Синот Човечки е Господар исто така и на саботата". Овие зборови се полни со поука и утеха. Бидејќи е создадена за човекот, саботата е Господов ден. Таа му припаѓа на Христа. Зашто „сè стана преку Него, и ништо што стана не стана без Него". (Јован 1:3) Бидејќи Тој создал сè, ја создал и саботата. Тој ја изделил како спомен на делото на создавање. Таа посочува кон Него и како Творец и како Оној, Кој посветува. Таа објавува дека Оној, Кој ги создал сите нешта на Небото и на Земјата, и преку Кого сите нешта опстојуваат, е Глава на црквата и преку Неговата сила ние сме помирени со Бога. Зборувајќи за Израел, Тој рекол: „Им ги дадов Моите саботи како знак меѓу Мене и нив,

за да знаат дека Јас сум Господ, Кој ги посветувам“ ги правам свети. (Езекиел 20:12) Саботата е знак на Христовата моќ да не направи свети. Таа е дадена на сите што Христос ги прави свети. Како знак на Неговата посветувачка сила, саботата е дадена на сите, кои преку Христа стануваат дел од Божјиот Израел. {КВ 288.2}

Господ вели: „Ако заради саботата ја воздржиш ногата своја за да не го правиш она што тебе ти е драго; ако саботата ја викаш задоволство, почесен и свет ден Господов;... тогаш ќе уживаш во Господа”. (Исаија 58:13, 14) Саботата ќе биде задоволство за сите оние што ја примаат како знак на Христовата создавачка и откупителна моќ. Гледајќи го Христа во неа, тие наоѓаат задоволство во Него. Саботата им укажува на делата на создавање, како на доказ на Неговата силна моќ во откупувањето. Саботата потсетува на загубениот Едем и истовремено укажува на мирот, кој е повторно вратен преку Христа. И секој предмет во природата го повторува Неговиот повик: „Дојдете кај Мене сите кои се трудите и сте обременети, и Јас ќе ви дадам одмор”. (Матеј 11:28) {КВ 289.1}

30. „ИЗБРА ДВАНАЕСЕТМИНА"

Оваа поглавје е засновано на Марко 3:13-19; Лука 6:12-16.

„Потоа се искачи на гората и ги повика кај Себе оние, кои Сам ги одбра и тие дојдоа кај Него. Избра дванаесетмина кои ги нарече апостоли да бидат со Него и да ги праќа да проповедаат”. {КВ 290.1}

Таму, под сенката на дрвјата, на падините на планината недалеку од Галилејското Езеро, дванаесеттемина биле повикани за апостолска служба и тука е одржана Проповедта на Гората. Полињата и ритчињата биле омилени места на Исуса и поголем дел од Неговото поучување било под ведро небо, отколку во храмот или во синагогите. Ниту една синагога не би можела да прими толку народ колку што го следел Христа, но тоа не била единствената причина зошто Тој избрал да поучува во полињата и шумичките. Исус ја сакал природата. За Него секое мирно место било свет храм. {КВ 290.2}

Под дрвјата во Едем првите жители на Земјата го избрале своето светилиште. Тука, Христос општел со таткото на човечкиот род. Кога биле истерани од рајот, нашите прародители сè уште му се поклонувале на Бога по полињата и шумичките и тука Христос ги сретнал со евангелието на Својата благодат. Христос зборувал со Авраам под дабовите во Мамре, со Исак, кога навечер излегувал да се моли во полињата, со Јаков на падините на планината во Ветил, со Мојсеј на Мадијанските гори и со младиот Давид, кога ги чувал своите стада. Според Христовото упатство, еврејскиот народ во текот на петнаесет века, секоја година ги напуштал своите домови за една седмица и престојувал под сеници направени од зелени гранки „од убави дрвја, палмови гранки и гранки од густи дрвја и поточни врби”. (Левитска 23:40) {КВ 290.3}

Кога ги обучувал Своите ученици, Исус се повлекувал од градскиот метеж во тишината на полињата и ритчињата, бидејќи тоа повеќе било во склад со поуките за самоодрекувањето на кое сакал да ги поучи. Во текот на Својата служба сакал да го собира народот околу Себе под синото небо, на некоја падина обрасната со трева, или на брегот покрај езерото. Тука, опкружен со делата на Своето создавање, можел да ги сврти мислите на Своите слушатели од она што е вештачко кон она што е природно. Во растот и развојот на целокупната природа се откривале начелата на Неговото царство.

Подигајќи ги очите кон Божјите ридови и набљудувајќи ги прекрасните дела на Неговите раце, луѓето можеле да научат драгоцени поуки од божествената вистина. Христовите поуки би им биле повторени преку нештата од природата. Така е и со сите оние што заминуваат во полињата, носејќи го Христа во своето срце. Тие ќе чувствуваат дека ги опкружува свето влијание. Појавите во природата ги повторуваат параболите на нашиот Господ и Неговите совети. Општејќи со Бога во природата, умот се издигнува, а срцето наоѓа спокојство. {КВ 291.1}

Во тоа време требало да се преземе првиот чекор во организирање на црквата, која по Христовото заминување ќе биде Негов претставник на Земјата. Тие немале на располагање раскошно светилиште, меѓутоа Спасителот ги одвел Своите ученици на местото што го сакал и во нивното сеќавање светите настани од тој ден биле засекогаш споени со убавините на планината, долината и морето. {КВ 291.2}

Исус ги повикал Своите ученици за да може да ги испрати како Свои сведоци, за да му го објават на светот она што го виделе и слушнале од Него. Нивната должност била најсвета должност што некогаш им била доверена на човечките суштества и Доаѓала веднаш по Христовата служба. Тие требало да бидат Божји соработници во спасувањето на светот. Како што во Стариот Завет дванаесет патријарси биле претставници на Израел, така дванаесетте апостоли требало да бидат претставници на црквата на евангелието. {КВ 291.3}

Спасителот го познавал карактерот на луѓето што ги избрал. Ги познавал сите нивни слабости и грешки; ги знаел опасностите низ кои тие мораат да поминат, одговорностите што ќе почиваат на нив и Неговото срце имало сочувство за тие избраници. Сам на гората, во близина на Галилејското Море, Тој поминал цела ноќ молејќи се за нив, додека тие спиеле во подножјето на планината. Со првите зраци на утрото Тој ги повикал да дојдат кај Него, бидејќи има да им соопшти нешто значајно. {КВ 291.4}

Овие ученици веќе извесно време активно учествувале во Исусовото дело. Јован и Јаков, Андреј и Петар, Филип, Натанаил и Матеј биле поблиску поврзани со Христа од останатите и виделе повеќе од Неговите чуда. Петар, Јован и Јаков биле уште поинтимно поврзани со Него. Тие речиси постојано биле покрај Него, гледајќи ги Неговите чуда и слушајќи ги Неговите зборови. Јован бил уште потесно поврзан со Исуса, така што бил означен како оној, кого Исус го љубел. Спасителот ги љубел сите, но Јовановиот дух бил најприемчив. Тој бил најмлад од сите и со поголема детска доверба му го отворил своето срце на Исуса. На тој начин стекнал поголема наклонетост кон Христа и преку него било соопштено најдлабокото Спасителово духовно учење на Неговиот народ. {КВ 292.1}

На чело на една од групите на кои биле поделени апостолите се наоѓало Филиповото име. Тој бил првиот ученик кому Исус му ја упатил јасната заповед: „Следи Ме”. Филип бил од Витсаида, од градот на Андреј и Петар. Слушајќи ги проповедите на Јован Крстителот тој го слушнал како го најавува Христа како Божјо Јагне. Филип искрено ја барал вистината, но имал бавно срце за верување. Иако му се придружил на Христа, начинот на кој зборувал за Него на Натанаил, покажува дека не бил целосно уверен во Исусовото божество. Иако Гласот од небото го прогласил Христа за Божји Син, Тој за Филип бил „Исус од Назарет, синот на Јосиф”. (Јован 1:45) Кога требало да се нахранат пет илјади луѓе, повторно се покажал Филиповиот недостиг на вера. Исус го прашал, испитувајќи го: „Од каде да купиме леб за да јадат овие?“ Филиповиот одговор бил на страна на неверието: „За двесте денарии леб не би било доволно за секој да

добие малку”. (Јован 6:5,7) Исус бил нажален. Иако Филип ги видел Неговите дела и ја почувствувал Неговата моќ, немал вера. Кога Грците кај Филип се распрашувале за Исуса, тој не ја искористил можноста да ги доведе кај Спасителот, туку заминал да му каже на Андреј. Потоа, во оние последни часови пред распнувањето, Филиповите зборови биле такви што ја обесхрабрувале верата. Кога Тома му рекол на Исуса: „Господе, не знаеме каде одиш и како можеме да го знаеме патот?“ Спасителот одговорил: „Јас сум Патот, Вистината и Животот... Ако ме бевте познале, ќе го познавате и Мојот Татко”. Од Филип дошол одговор на неверие: „Господе, покажи ни го Таткото и доста ни е”. (Јован 14:5-8) Ученикот што три години бил со Исуса, имал толку бавно срце и имал толку слаба вера. {КВ 292.2}

Во среќна спротивност со Филиповото неверие била детската доверба на Натанаил. Тој бил човек со мошне искрена природа, човек чија вера се засновала на невидливатата реалност. Меѓутоа и Филип бил ученик во Христовото училиште и божествениот Учител трпеливо го поднесувал неговото неверие и тапост. Меѓутоа, кога Светиот Дух се излеал на учениците, Филип станал учител според божествениот план. Знаел за што зборува и поучувал со уверување кое влевало убедување кај слушателите. {КВ 293.1}

Додека Исус ги подготвувал учениците за нивното ракоположување, еден човек кој не бил повикан, го наметнувал своето присуство меѓу нив. Тоа бил Јуда Искариотски, кој тврдел дека е Христов следбеник. Тој истапил, барајќи да биде примен во потесниот круг на ученици. Со голема срдечност и наводна искреност, изјавил: „Учителе, јас ќе те следам каде и да одиш”. Исус ниту го одбил, ниту му посакал добредојде, туку само изговорил тажни зборови: „Лисиците имаат легла и птиците небесни гнезда; но Синот Човечки нема каде да ја положи главата”. (Матеј 8:19,20) Јуда верувал дека Исус е Месијата, па се надевал дека пристапувајќи им на апостолите ќе си обезбеди себеси висока положба во новото царство. Таа надеж Исус сакал да ја запре со изјавата за Својата сиромаштија. {КВ 293.2}

Учениците биле жепни Јуда да стапи во нивните редови. Неговата надворешност била импресивна и тој бил човек со остра проникливост и лидерски способности, па го препорачапе на Исуса како човек кој би можел многу да му помогне во Неговото дело. Биле изненадени што Исус толку студено го примил. {КВ 294.1}

Тие биле многу разочарани што Тој не настојувал да обезбеди соработка со Израелските водачи. Сметале дека згрешил што не го зајакнал Своето дело, обезбедувајќи поддршка од овие влијателни луѓе. Ако го одбиел Јуда, тие би се сомневале во своите умови за мудроста на нивниот Учител. Подоцнежната историја на Јуда ќе им покаже Колку е опасно да се дозволи каков било световен обѕир да влијае на одлуката дали луѓето се соодветни за Божјото дело. Соработниците чија соработка учениците толку ја посакувале, би го предале делото во рацете на неговите најлоши непријатели. {КВ 294.2}

Меѓутоа, кога Јуда станал ученик, тој не бил нечувствителен кон убавината на Христовиот карактер. Го чувствувал влијанието на онаа божествена сила, која ги привлекувала душите кон Спасителот. Оној, Кој не дошол да ја скрши напукнатата трска, ниту да го изгаси пенот што тлее, нема да ја одбие таа душа, сѐ додека постои барем една желба за светлината. Спасителот го прочитал срцето на Јуда; ја знаел сета длабочина на беззаконието до која тој ќе падне, доколку не биде избавен од Божјата благодат. Доведувајќи го овој човек во врска со Себе, го ставил во положба од ден на ден да биде во допир со излевањето на Неговата несебична љубов. Кога Јуда би го

отворил своето срце на Христа, божествената благодат би го истерала демонот на себичност, па дури и тој би станал учесник во Божјото царство. {КВ 294.3}

Бог ги зема луѓето онакви какви што се, со сите човечки црти на карактерот и ги обучува за Својата служба, доколку сакаат да бидат воспитувани и да учат од Него. Тие не се избрани затоа што се совршени, туку и покрај својата несовршеност, преку познавањето и применувањето на вистината во животот и преку Христовата благодат, да бидат преобразени во Неговиот лик. {КВ 294.4}

Јуда имал исти можности како и останатите ученици. Ги слушал истите драгоцени поуки. Меѓутоа, применувањето на вистината во животот, како што барал Христос, било во спротивност со намерите и желбите на Јуда и тој не сакал да се откаже од своите погледи за да прими мудрост од Небото. {КВ 294.5}

Колку нежно постапувал Спасителот кон човекот, кој требало да го предаде! Исус во Своето учење зборувал за начелото на добродетелта, кое удира во коренот на алчноста. Тој на Јуда му ја прикажал одвратната природа на лакомоста и тој ученик многупати сфаќал дека со тоа го опишува неговиот карактер и укажува на неговиот грев, но не сакал да ја признае и остави својата неправедност. Бил задоволен од себеси и наместо да се бори против искушението и понатаму ги следел своите измамнички постапки. Пред него бил Христос, жив пример на она што тој би морал да биде, доколку сакал да ги прими добивките од божественото посредување и служба; но поуките попусто допирале до неговите уши. {КВ 295.1}

Исус никогаш не му упатил ниту еден остар укор поради неговата алчност, туку со божествено трпение го поднесувал тој човек, дури и кога јасно би му покажал дека го прочитал неговото срце како отворена книга. Тој пред него презентирал највозвишени мотиви за правење добро, така што Јуда за отфрлањето на небесната светлина немал никакво оправдување. {КВ 295.2}

Наместо да чекори во светлината, Јуда одлучил да ги задржи своите недостатоци. Се оддавал на зли желби, бил одмаздољубив, негувал мрачни и зли мисли, сè додека сатаната целосно не завладеал со неговото срце. Јуда станал претставник на Христовиот непријател. {КВ 295.3}

Кога им се придружил на Христовите ученици, Јуда имал некои драгоцени црти во својот карактер, кои би можеле да бидат на благослов за црквата. Доколку сакал да го понесе Христовиот јарем, би се нашол меѓу главните апостоли. Меѓутоа, тој го стврднал своето срце, кога му било укажано на неговите недостатоци, па во гордост и Бунтовништво се повел по своите себични амбиции, па на тој начин станал несоодветен за делото што Бог сакал да му го довери. {КВ 295.4}

Сите ученици имале сериозни недостатоци, кога Исус ги повикал во Својата служба. Дури и Јован, кој бил во најтесна врска со понизниот и кроток Исус, не бил понизен и покорен по природа. Него и неговиот брат ги нарекувале „синови на громот”. Додека биле со Исуса се лутеле и станувале борбени штом некој би покажал и најмал знак на омаловажување кон Него. Злиот темперамент, одмаздливоста, духот на критикување сето тоа било застапено кај љубениот ученик. Бил горд и со амбиција да биде прв во Божјото царство. Меѓутоа, набљудувајќи ја од ден на ден Исусовата нежност и трпеливост, која била во спротивност со неговиот избувлив дух и слушајќи ги неговите поуки на понизност и трпение, го отворил своето срце на божественото влијание и станал не само слушател, туку и извршител на зборовите на Спасителот. Неговото „јас“ било сокриено во Христа. Научил да го носи Христовиот јарем и Неговото бреме. {КВ 295.5}

Исус ги укорувал Своите ученици, ги опоменувал и ги предупредувал, но Јован и неговите браќа не го напуштале; и покрај укорите, избрале да бидат со Исуса. Спасителот не ги напуштил поради нивните слабости и грешки. Тие до крај ги делеле Неговите неволји и се поучувале од Неговиот живот. Набљудувајќи го Христа, тие биле трансформирани во карактерот. {КВ 296.1}

Христовите апостоли меѓусебно се разликувале според своите навики и склоности. Меѓу нив се наоѓал чариникот Левиј-Матеј и огнениот Симон Зилот, кој ја мразел римската власт, големодушниот и избувлив Петар и скржавецот Јуда; Тома, со искрено срце, но плашлив; Филип, бавен да верува и подложен на сомневање и амбициозните нетактични Зеведееви синови со нивните браќа. Тие биле доведени заедно со своите мани, со сите наследени и стекнати склоности кон злото, но Сепак, во и преку Христа тие требало да живеат во Божјото семејство, учејќи да станат едно во верата, учењето и духот. Тие ќе имаат свои проби, свои навреди и различни мислења, но меѓу нив не можело да има неслога, додека Христос бил во нивното срце. Неговата љубов би ги навела да се љубат еден со друг; поуките на Учителот би ги воделе да ги усогласат сите разлики, донесувајќи ги учениците во единство, така што на крај биле еднодушни и истомисленици. Христос е големиот центар и тие се приближувале еден кон друг во онаа мера во која се приближувале кон тој центар. {КВ 296.2}

Кога го завршил поучувањето на учениците, ја собрал малечката група околу себе, па клекнувајќи заедно со нив и положувајќи ги Своите раце на нив, изговорил молитва со која ги посветил за Своето дело. Така Христовите ученици биле ракоположени за делото на евангелието. {КВ 296.3}

За Свои претставници меѓу луѓето, Христос не бира ангели кои никогаш не паднале, туку човечки суштества, луѓе со исти страсти како и оние кои настојуваат да ги спасат. Христос ја земал на Себе човечката природа за да допре до човештвото. На божествената природа и била потребна човечката, бидејќи и божественото и човечкото било потребно за да се спаси светот. На божествената природа и била потребна човечка, за да се обезбеди врска на комуникација помеѓу Бога и човекот. Така е и со Христовите слуги и гласници. На човекот му е потребна сила која тој ја нема и која е над него, за да се обнови според божествениот лик и за да се оспособи да работи за Бога, но тоа не ја исклучува потребата од човечка соработка. Човекот се потпира на божествената сила, Христос живее во срцето преку вера, па така, во соработка со божествената сила, човечката сила станува ефикасна за добро. {КВ 296.4}

Оној, Кој ги повикал галилејските рибари сè уште повикува луѓе во Својата служба. Тој сака Својата сила да ја покаже преку нас, како што ја покажал преку Своите први ученици. Колку и да сме несовршени и грешни, Господ ни нуди да станеме Негови соработници, Христови ученици. Тој не повикува да примиме божествени поуки и соединувајќи се со Христа, да можеме да ги вршиме Божјите дела. {КВ 297.1}

„Но ова богатство го носиме во земни садови со цел, та преизобилната големина и сила да му се оддава на Бога, а не нам". (2. Коринтјаните 4:7) Затоа проповедањето на евангелието им е доверено на грешни луѓе, а не на ангели. Тоа покажува дека силата која делува преку човечките орудија е Божја сила и тоа не охрабрува да веруваме дека силата што им помагала на други, исто толку слаби, може да ни помогне и нам. А оние што и самите се „со слабости," треба да „имаат сочувство со оние кои се во незнаење и кои се застранети". (Евреите 5:2) Бидејќи и самите биле во опасност, тие ги познаваат опасностите и тешкотиите на патот и затоа се повикани да им подадат рака на оние кои се во слична опасност. Има души кои ги мачат сомнежи, кои се оптоварени со слабости,

слаби во верата и се неспособни да го сфатат Невидливиот, но еден пријател, кој можат да го видат и кој им приоѓа наместо Христа, може да стане алка, која нивната колеблива вера цврсто ќе ја поврзе за Христа. {КВ 297.2}

Ние сме повикани во соработка со ангелите да го прикажуваме Исуса на светот. Ангелите ја очекуваат нашата соработка со речиси нетрпелива сесрдност, бидејќи каналот за врска со човекот мора да биде човек. И кога со цело свое срце ќе му се предадеме на Христа, ангелите се радуваат што можат преку нашите гласови да ја откријат Божјата љубов. {КВ 297.3}

31. БЕСЕДА НА ГОРАТА

Оваа поглавје е засновано на Матеј 5, 6 и 7 глава

Христос ретко ги собирал Своите ученици насамо да ги слушаат Неговите зборови. За свои слушатели Тој не ги одбирал само оние што го познавале патот на животот. Неговото дело се состоело во тоа да допре до срцата на многумина што сè уште биле во незнаење и заблуда. Своите пораки за вистината Тој ги давал таму, каде што можеле да влијаат на замраченото разбирање. Самиот Тој бил Вистината и стоел со опашани бедра и со раце секогаш испружени да благословува. Тој настојувал со зборови на опомена, молба и охрабрување да го подигне секој што ќе му пристапи. {КВ 298.1}

Иако им била првенствено упатена на учениците, Беседата на Гората е изговорена пред големо мноштво. По ракоположувањето на апостолите, Исус отишол со нив на брегот на морето. Тука народот почнал да се собира рано наутро. Покрај вообичаеното мноштво од галилејските гратчиња, тука се наоѓал народ од Јудеја, па дури и од Ерусалим, од Переја, од Декаполис, од Идумеја, сè до југот на Јудеја; од Тир и Сидон, од феникиските градови од бреговите на Средоземното Море. „Кога слушнаа какви големи дела Тој изврши,“ тие „дојдоа да го чујат и да се излекуваат од своите болести... зашто од Него излегуваше сила што ги исцелуваше сите”. (Марко 3:8; Лука 6:17-19) {КВ 298.2}

На тесниот брег немало дури ни место за стоење, на кое Неговиот глас би можел да ги досегне сите оние што сакале да го слушнат, па Исус ги повел назад на падинката на планината. Стигнувајќи до една рамнина соодветна за сместување на ова големо мноштво, Тој седнал на тревата, а учениците и народот го следеле Неговиот пример. {КВ 298.3}

Местото на учениците секогаш било веднаш до Исуса. Народот постојано се туркал околу Него, но учениците сфатиле дека не смеат да дозволат да бидат истуркани од Неговото присуство. Тие седеле близу до Него, за да не пропуштат ниту еден збор од Неговите поуки. Биле внимателни слушатели, желни да ги сфатат вистините што требало да ги објават во сите земји и во сите векови. {КВ 299.1}

Со чувство дека ќе слушнат нешто исклучително, тие сега се туркале околу Својот Учител. Верувале дека царството наскоро ќе се воспостави, а од настаните што се случиле тоа утро, дошле до уверување дека ќе биде соопштено нешто во врска со тоа. Мноштвото исто така било исполнето со чувство на очекување, и на желните лица се одразувал длабок интерес. Додека луѓето седеле на зелената падинка на ритчето, очекувајќи ги зборовите на божествениот Учител, нивните срца биле исполнети со мисли за идната слава. Тука имало книжевници и фарисеи, кои го очекувале денот, кога

тие ќе владеат над омразените Римјани и ќе ги поседуваат богатствата и сјајот на големото светско царство. Сиромашните селани и рибари се надевале на ветувањето и уверувањето дека нивните бедни колиби, скудната исхрана, тешкиот живот и стравот од сиромаштијата ќе бидат заменети со палати и изобилство и денови на леснотија. Се надевале нивната груба облека, која дење им била наметка, а ноќе прекривка, Христос ќе ја замени со скапоцените и раскошни облеки на нивните освојувачи. Секое срце треперело од гордата надеж дека Израел наскоро ќе биде почестен пред сите народи како Господов избран народ, а Ерусалим, издигнат како престолнина на едно универзално царство. {КВ 299.2}

Христос ги разочарал надежите во световна големина. Во Беседата на Гората Тој настојувал да го поништи она што е создадено со погрешно воспитување и дека на Своите слушатели ќе им даде точна претстава за Своето царство и за Својот сопствен карактер. Сепак, Тој не ги нападнал директно заблудите на народот. Ја видел бедата во која се наоѓа светот заради гревот, а Сепак не им дал сликовит приказ на нивната бедна состојба, туку ги учел на нешто неспоредливо подобро од она што тие го знаеле. Не борејќи се против нивните идеи за Божјото царство, Тој им ги изложил условите под кои единствено може да се влезе во него, препуштајќи им да извлечат сопствени заклучоци во поглед на природата на тоа царство. Вистините што ги изнесувал не се помалку значајни за нас, отколку што биле за мноштвото што одело по Него. И нам ни е исто толку потребно колку и на нив да ги дознаеме основните начела на Божјото царство. {КВ 299.3}

Првите Христови зборови упатени на народот на гората биле зборови на благослов. „Среќни се оние“, рекол Тој, „кои ја препознаваат својата духовна сиромаштија и кои чувствуваат дека им е потребно откупување”. Евангелието треба да се проповеда на сиромашните. Тоа не се открива на оние што се духовно горди, кои тврдат дека се богати и дека ништо не им треба, туку на оние кои се понизни и скрушени. Само еден извор е отворен за чистење од гревот изворот за сиромашните по дух. {КВ 299.4}

Горделивото срце копнее да заслужи спасение, но и нашето право на Небото и нашата подобност да влеземе во него се засноваат на Христовата праведност. Господ не може ништо да направи за спасение на човекот, сè додека тој, уверен за сопствената слабост и лишен од секоја самодоволност, не се потчини под Божјо управување. Тогаш, може да прими дар, со кој Бог сака да го дарува. Ништо не и се скратува на душата, која е свесна за својата потреба. Таквата душа има неограничен пристап кон Оној, во Кого се наоѓа сето изобилство: „Вака вели Вишниот и Возвишениот, Кој живее вечно и името му е Свети: ‘Престојувам во високо и свето место, но Јас сум и со оној што има скрушен и понизен дух, да го подигнам духот на понизните, да ги оживеам срцата на скрушените”. (Исаија 57:15) {КВ 300.1}

„Блажени се оние што плачат, зашто ќе се утешат”. Со овие зборови Христос не не учи дека плачењето само по себе има моќ да ја отстрани вината на гревот. Тој не одобрува наводна или смислена понизност. Плачот за кој зборува не се состои од потиштеност и лелекање. Иако сме тажни поради гревот, истовремено треба да се радуваме на драгоцената предност што сме Божји деца. {КВ 300.2}

Често тагуваме, бидејќи нашите зли дела донесуваат непријатни последици по нас самите, но тоа не е покајание. Вистинската тага поради гревот е резултат на делувањето на Светиот Дух. Духот ја открива неблагодарноста на срцето, кое го омаловажило и растажило Спасителот и во покајание не доведува до подножјето на крстот. Со секој грев Исус повторно е ранет. И кога ќе го насочиме погледот кон Оној, Кого сме го

раниле, тогаш плачеме поради гревовите со кои сме му нанеле страдање. Таквиот плач не наведува да се откажеме од гревот. {КВ 300.3}

Световните луѓе можат да тврдат дека таквата тага е само слабост, но таа всушност е сила, која го врзува покајникот за Бесконечниот со врски кои не можат да се раскинат. Таа покажува дека Божјите ангели повторно и ги враќаат на душата оние благодати, кои биле изгубени поради тврдоста на срцето и престапите. Солзите на покајникот се само капки дожд кои и претходат на сончевата светлина на светоста. Тагата навестува радост, која ќе стане жив извор на душата. „Само признај го своето беззаконие, кое го изврши против Господ твојот Бог“ „и Јас нема да го излеам Мојот гнев врз вас, зошто Јас сум милостив, вели Господ”. (Еремија 3:13,12) „На натажените во Сион,“ Тој решил да им даде „убавина наместо пепел, масло на радост наместо оплакување, облека на пофалба, наместо опаднат дух”. (Исаија 61:3) {КВ 300.4}

За оние кои се ожалостени заради неволји и тага за нив постои утеха. Горчината на болката и понижувањето се подобри од попуштањето на гревот. Со помош на страдањето Бог ни ги открива болните места во нашиот карактер за преку Неговата милост да можеме да ги совладаме своите гревови. Ни се откриваат поглавја непознати за нас самите и пред нас се поставува прашањето дали ќе го примиме Божјиот укор и совет. Кога ќе се најдеме во неволја, не треба да лелекаме и да се жалиме. Не треба да се буниме или со својата тага да се оттргнуваме од Христовите раце. Мораме да имаме понизен дух пред Бога. Господовите патишта се мрачни за оној што сака да ги гледа работите во Светлината што нему му одговара. Овие патишта и изгледаат мрачни и тажни на нашата човечка природа. Меѓутоа, Божјите патишта се патишта на милост и на нивниот крај се наоѓа спасение. Илија не разбирал што прави, кога во пустината рекол дека не сака веќе да живее и кога му се молел на Бога да умре. Во Својата милост Господ не го направил за него тоа што тој го барал. Сè уште за Илија имало едно големо дело да изврши, а кога неговото дело ќе биде завршено, тој нема да пропадне во обесхрабрување и осаменост во пустината. Нему не му било наменето да слезе во смртниот прав, туку да се издигне во слава, во поворка на небесни кочии, до престолот на висините. {КВ 301.1}

На тажните Господ им ги упатува овие зборови: „Ги видов патиштата негови. Ќе го исцелам и ќе го водам и ќе го утешам него и оние што го жалат”. „Тагата ќе им ја претворам во радост, ќе ги утешам и ќе ги развеселам по жалоста”. (Исаија 57:18; Еремија 31:13) {КВ 301.2}

„Блажени се кротките”. Тешкотиите на кои наидуваме можат да бидат значително намалени со онаа кротост, која се крие во Христа. Ако ја поседуваме понизноста на нашиот Господ, тогаш се издигнуваме над навредите, прекорите и непријатностите на кои секојдневно сме изложени и тогаш тие престануваат да фрлаат мрак врз нашиот дух. Самоконтролата претставува највозвишен доказ за благородноста на христијанинот. Оној, кој пред злоупотребата или суровоста нема да сочува спокоен и доверлив дух тој го пишува Бога од Неговото право да го открие во него совршенството на Својот сопствен карактер. Понизноста на срцето е сила со која Христовите следбеници победуваат, таа е обележје на нивната врска со небесните дворови. {КВ 301.3}

„Иако Господ е возвишен, Тој ги гледа понизните”. (Псалм 138:6) Бог нежно ги набљудува оние кои го манифестираат Христовиот кроток и понизен дух. Светот може да ги презира, но тие имаат голема вредност во Божјите очи. Нема само мудрите, големи и добротворни луѓе да имаат пристап во небесните дворови, не само вредните

работници, полни со ревност и неуморна активност. Не; и сиромашните по дух, оние, кои копнеат по Христовото присуство, понизните по срце, чиј највозвишен копнеж е да ја творат Божјата волја тие изобилно ќе имаат пристап. Таквите ќе бидат вброени меѓу оние кои ги испрале облеките и ги избелиле во крвта на Јагнето. „Затоа тие се пред Божјиот престол и му служат ден и ноќ во Неговиот храм. А Оној што седи на престолот ќе живее меѓу нив". (Откровение 7:15) {КВ 301.4}

„Блажени се гладните и жедните за праведност". Чувството на недостојност предизвикува во срцето глад и жед за праведност и таа желба нема да остане неисполнета. Оние што во своето срце прават место за Исуса ќе ја искусат Неговата љубов. Ќе бидат задоволени сите оние, кои копнеат да бидат слични на Божјиот карактер. Светиот Дух никогаш не ја остава без помош душата која го насочува погледот во Исуса. Тој ги зема Христовите нешта и ѝ ги покажува на неа, и ако погледот на окото постојано е вперен кон Христа, делото на Светиот Дух не престанува, додека душата не се преобрази во Неговиот лик. Чистата љубов ќе ја исполни душата, давајќи и способност за повозвишени достигнувања, за зголемено знаење за она што е небесно, така што нема да биде лишена од полнината. „Блажени се гладните и жедните за праведност, зашто ќе се наситат". {КВ 302.1}

Милостивите ќе најдат милост, а оние што имаат чисто срце, ќе го видат Бога. Секоја нечиста мисла ја валка душата, нанесува штета на чувството за морал и придонесува за слабеење на влијанието на Светиот Дух. Таа го помрачува духовниот вид, така што луѓето не можат да го видат Бога. Господ може да простува и му простува на покајаниот грешник, но и покрај простувањето, душата е осакатена. Оној, кој сака јасно да ги разликува духовните вистини, мора да го избегнува изговарањето нечисти зборови и да избегнува секаква нечиста мисла. {КВ 302.2}

Меѓутоа, Христовите зборови опфаќаат и повеќе отколку само слободата од сетилната нечистотија, повеќе од слободата од обредното осквернување кое Евреите толку строго го избегнувале. Себичноста не спречува да го гледаме Бога. Себичниот дух Бога потполно го изедначува со себеси. Ако не се откажеме од тоа, не можеме да го сфатиме Оној, Кој е љубов. Само несебичното срце, понизниот дух што е полн со доверба ќе согледа дека Бог е „милостив, полн со благодат, долготрпелив и богат со добрина и со вистина". (Излез 34:6) {КВ 302.3}

„Блажени се миротворците". Христовиот мир Доаѓа од вистината. Тој е во хармонија со Бога. Светот е во непријателство со Божјиот закон; грешниците се во непријателство со својот Создател и како резултат на тоа тие се и во меѓусебно непријателство. Но псалмистот кажува: „Голем мир имаат оние што го љубат Твојот закон и ништо нема да ги соблазни". (Псалм 119:165) Човекот не може да го создаде мирот. Човечките планови за облагородување и воздигнување на поединци или на општеството не можат да создадат мир, бидејќи не досегнуваат до срцата. Единствената сила која може да го создаде или овековечи мирот е Христовата благодат. Кога ќе се засади во срцата, таа ги изгонува злите страсти, кои предизвикуваат расправија и неслога. „Наместо трње ќе растат чемпреси, наместо коприва ќе никнува мирта;" и животната пустина „ќе се зарадува и ќе процвета како трендафил". (Исаија 55:13; 35:1) {КВ 302.4}

Собраното мноштво се восхитувало на ова учење, кое толку се разликувало од начелата и примерите на фарисеите. Луѓето дошле до точката да веруваат дека среќата на овој свет зависи од поседувањето на нештата од овој свет и дека треба да се копнее по слава и по почестите од луѓето. Многу било угодно да се биде нарекуван „рабин," и

да се биде воздигнат како мудар и религиозен, и нивните доблести да бидат покажани пред народот. Тоа се сметало како круна на среќата. Но Исус, во присуство на тоа големо мноштво луѓе изјавил дека земната добивка и почест претставуваат единствена награда, која тие можат да ја добијат. Тој зборувал со сигурност и Неговите зборови биле придружувани од убедувачка сила. Луѓето молчеле, а нивните души ги обземало чувство на страв. Со сомневање гледале еден во друг. Кој од нив ќе се спаси ако учењето на овој Човек е вистина? Многумина биле убедени дека овој извонреден Учител е вдахнат со Божјиот Дух и дека мислите што Тој ги изговорил биле божествени. {КВ 305.1}

Бидејќи им објаснил во што се состои вистинската среќа и како таа може да се постигне, Исус поодредено укажал на должностите на Своите ученици кои, како од Бога избрани учители, треба да ги водат другите по патеката на праведноста и вечниот живот. Знаел дека тие често ќе страдаат заради разочарувањата и обесхрабрувањето, дека ќе наидат на одлучен отпор, дека ќе ги навредуваат и дека нивното сведоштво ќе биде отфрлано. Добро знаел дека понизните луѓе, кои внимателно ги слушале Неговите зборови, во остварувањето на Својата мисија ќе бидат изложени на клевети, мачења, заробеништво и смрт, па затоа продолжил: {КВ 305.2}

„Блазе на гонетите заради праведност, зашто нивно е царството небесно. Блажени сте кога ќе ве навредуваат и гонат и кога ќе зборуваат против вас секакви лоши зборови лажно, заради Мене. Радувајте се и бидете премногу весели, затоа што голема е вашата награда на Небесата, зашто така ги гонеа и пророците кои беа пред вас". {КВ 305.3}

Светот го сака гревот, а ја мрази праведноста и тоа било причината за непријателството кон Исуса. Сите што ја одбиваат Неговата бескрајна љубов, ќе увидат дека христијанството е нешто што го нарушува нивниот мир. Христовата светлина ја растерува темнината, која ги прикрива нивните гревови и неопходноста од реформа е очигледна. Додека оние, кои се потчинуваат на влијанието на Светиот Дух почнуваат да војуваат сами со себе, оние, кои се држат до гревот, војуваат против вистината и нејзините претставници. {КВ 306.1}

Така се создава раздор, па Христовите следбеници се обвинети како вознемирувачи на луѓето. Всушност тие го навлекуваат на себе непријателството на светот поради заедницата со Бога. Тие го примаат прекорот поради Христа. Тие одат по патеката по која оделе најблагородните луѓе на Земјата. Прогонувањето не треба да го примаат со тага, туку со радост. Секоја огнена неволја претставува средство со кое Бог ги облагородува. Секоја таква проба ги оспособува да станат соработници во Неговото дело. Секој судир има свое место во големата битка за праведноста и секој ќе ја зголеми радоста во нивната крајна победа. Имајќи го тоа на ум, тие ќе го примат испитот на нивната вера и трпение со радост, отколку да се плашат од истото и да го избегнуваат. Трудејќи се да ја исполнат својата обврска кон овој свет, посакувајќи само да стекнат одобрување од Бога, Неговите слуги треба да ја исполнат секоја должност не обзирајќи се на стравот или на наклонетоста од страна на луѓето. {КВ 306.2}

„Вие сте солта на Земјата" рекол Исус. Немојте да се повлекувате од светот за да го избегнете прогонството. Мора да живеете меѓу луѓето, за мирисот на божествената љубов да може, како сол да го зачува светот од расипаност. {КВ 306.3}

Срцата што се одзиваат на влијанието на Светиот Дух, претставуваат канали преку кои се излева Божјиот благослов. Кога оние кои му служат на Бога би биле тргнати од Земјата и кога Неговиот дух би бил повлечен од луѓето, овој свет би бил препуштен на пустош и уништување, што би било плод на сатанската власт. Иако злите не го знаат тоа,

тие дури и за благословите на овој живот се должни на присуството на Божјиот народ во светот, народ, кој тие го презираат и прогонуваат. Меѓутоа, ако тие се само христијани по име, тогаш тие се како сол, која е блуткава. Тие во светот не вршат никакво добро влијание. Тие се полоши од неверниците, бидејќи погрешно го прикажуваат Бога. {КВ 306.4}

„Вие сте светлина на светот". Евреите сакале благодатта на спасението да ја ограничат само на нивниот сопствен народ, но Исус им покажал дека спасението е како сончевата светлина. Таа му припаѓа на целиот свет. Библиската вера не смее да се ограничува помеѓу кориците на една книга, ниту помеѓу ѕидовите на една црква. Таа не смее да се изнесува повремено заради наша сопствена корист, а потоа повторно грижливо да се тргне. Таа треба да го посвети секојдневниот живот, манифестирајќи се себеси во сите наши деловни и општествени односи. {КВ 306.5}

Вистинскиот карактер не се обликува однадвор и потоа се става на себе; тој зрачи одвнатре. Ако сакаме другите да ги упатиме по патот на праведноста, тогаш начелата на правдата мора да бидат всадени во нашите срца. Нашето исповедање на верата може да ја објави теоријата на религијата, но нашата практична побожност ги поткрепува зборовите на вистината. Доследниот живот, светото однесување, непоколебливата чесност, активниот, добронамерниот дух, побожниот пример тоа се средства со чија помош светлината му се пренесува на светот. {КВ 307.1}

Исус не се задржувал на спецификациите на законот, но не оставил Неговите слушатели да заклучат дека Тој дошол да ги отфрли барањата на законот. Тој знаел дека шпионите биле подготвени да се фатат за секој збор што би можеле да го искриват заради остварувањето на своите цели. Тој знаел дека во душата на многу слушатели постоеле предрасуди и не рекол ништо што би можело да ја поколеба нивната вера во религијата и одредбите што им биле доверени преку Мојсеј. Христос го дал и моралниот и обредниот закон. Тој не дошол да ја уништи довербата во упатствата што Самиот ги дал. Поради Својата голема стравопочит кон законот и кон пророците, Тој настојувал да го сруши ѕидот на традиционалните прописи, кои ги ограничувале Евреите. Отфрлајќи го нивното погрешно толкување на законот, Тој грижливо ги заштитувал учениците да не попуштаат во поглед на виталните вистини доверени на Евреите. {КВ 307.2}

Фарисеите се гордееле со својата послушност кон законот, но многу малку знаеле за неговите начела во секојдневниот живот, така што за нив зборовите на Спасителот звучеле како ерес. Кога Тој ги отфрлил рушевините под кои била затрупана вистината, тие сметале дека Тој ја отфрлил и самата вистина. Тие си дошепнувале еден на друг дека Спасителот го омаловажува законот. Тој ги прочитал нивните мисли и им одговорил, велејќи: {КВ 307.3}

„Немојте да мислите дека Јас дојдов да го поништам законот или пророците; не дојдов да ги поништам, туку да ги исполнам". Со ова Исус ги побил обвинувањата на фарисеите. Неговата мисија во светот се состоела во тоа да ги оправда светите барања на законот за кој тие го обвинувале дека го крши. Кога Божјиот закон би можел да биде изменет или укинат, тогаш Христос не би морал да ги поднесува последиците од нашите престапи. Тој дошол да го објасни односот на законот кон човекот и да ги прикаже неговите прописи со Својот сопствен живот на послушност. {КВ 307.4}

Бог ни ги дал Своите свети прописи зашто го љуби човештвото. За да не заштити од последиците на престапот, Тој ни ги открива начелата на праведноста. Законот е израз на Божјата мисла; кога е примен во Христа, тој станува наша мисла. Законот не

издигнува над силата на вродените желби и склоности, над искушенијата што водат кон грев. Бог сака да бидеме среќни и затоа Тој ни ги дал начелата на законот, за во послушност кон нив да имаме радост. Кога ангелите при Христовото раѓање пееле:

„Слава на Бога во висините,
и на Земјата мир и меѓу луѓето добра волја" (Лука 2:14),

тие ги објавувале начелата на законот, кој Тој дошол да го направи голем и славен. {КВ 308.1}

Кога законот бил објавен на Синај, Бог им ја открил на луѓето светоста на Својот карактер, за преку истакнување на спротивноста, да можат да ја видат својата грешност. Законот бил даден за да ги осведочи за гревот и да им ја покаже нивната потреба од Спасителот. Тој би го направил тоа, кога Неговите начела би биле применети во срцето, со помош на Светиот Дух. Тоа дело треба и денес да се врши за нас. Во Христовиот живот јасно се покажани начелата на законот и додека Божјиот Свет Дух влијае на срцето, додека Христовата светлина им открива на луѓето дека им е потребна Неговата крв која прочистува и Неговата праведност која оправдува, законот сè уште претставува сила, која не доведува кон Христа, за да бидеме оправдани преку вера. „Господовиот закон е совршен, ја преобразува душата". (Псалм 19:7) {КВ 308.2}

„Додека постојат небото и Земјата," рекол Исус, „нема да исчезне ниту една цртичка, ниту една титла од законот додека не се исполни сè". Сонцето кое блеска на небото и цврстата земја на која живееме, се Божји докази дека Неговиот закон е непроменлив и вечен. Дури и тие да исчезнат, божествените начела ќе опстојат. „Полесно е за небото и Земјата да поминат, отколку една црта од законот да пропадне". (Лука 16:17) Системот на симболи што укажувал на Христа, како на Божјо Јагне требало да се укине при Неговата смрт, но начелата на Декапогот се непроменливи, исто така, како и Божјиот престол. {КВ 308.3}

Бидејќи „Господовиот закон е совршен" секое отстапување од него мора да претставува зло. Христос ги осудува оние, кои не се покоруваат на Божјите заповеди и ги учат другите да го прават истото. Со својот живот на послушност, Спасителот докажал дека законот е задолжителен; Неговиот живот докажал дека човекот може да го држи законот и покажал како со таа послушност се развива извонреден карактер. Сите што се покоруваат како Него, исто така објавуваат дека законот е „свет, праведен и добар". (Римјаните 7:12) Од друга страна, сите што ги кршат Божјите заповеди го поддржуваат тврдењето на сатаната дека законот е неправеден и дека човекот не може да му се покорува. Со тоа тие му помагаат на големиот противник во неговите измами и го обесчестуваат Бога. Тие се деца на злиот, кој на небото прв се побунил против Божјиот закон. Кога на таквите би им се дозволило влез во Небото, би значело да се доведат повторно елементи на неслога и бунт и да се загрози добробитието на вселената. Ниту еден човек, кој свесно запоставува макар и само едно начело на законот, нема да влезе во небесното царство. {КВ 308.4}

Рабините сметале дека нивната праведност претставува влезница за на Небото, но Исус рекол дека таа не е доволна и е безвредна. Фарисејската правда ја сочинувале надворешните обреди и теоретското познавање на вистината. Рабините тврделе дека се свети заради нивните напори за држење на законот. Но нивните дела ја раздвоиле праведноста од религијата. Многу совесно ги вршеле сите обредни прописи, меѓутоа

животот им бил неморален и деградиран. Нивната таканаречена праведност никогаш не можела да влезе во небесното царство. {КВ 309.1}

Најголемата измама на човечкиот ум во Христово време била претпоставката дека самото согласување со вистината ја сочинува праведноста. Сите човечки искуства покажале дека теоретското познавање на вистината не е доволно за спасение на душата. Тоа не донесува плодови на праведност. Строгите обзири кон она што се нарекува теолошка вистина, често одат заедно со омразата кон изворната вистина што се открива во животот. Најмрачните поглавја од историјата се преполни со извештаи за злосторства, кои ги извршиле религиозни луѓе, кои имале предрасуди. Фарисеите тврделе дека се Авраамови деца и се фалеле со тоа што ги поседуваат списите, но тие предности не ги сочувале од себичноста, злобата, лакомоста за добивка и од најниското лицемерие. Се сметале за најголеми религиозни луѓе во светот, но нивната таканаречена ортодоксност ги довела до тоа да го распнат Господа на славата. {КВ 309.2}

Оваа опасност постои и денес. Многумина сметаат дека се христијани, едноставно заради фактот што прифатиле некои верски начела. Меѓутоа, тие не ја остваруваат вистината во секојдневниот живот. Тие всушност и не веруваат во вистината, ниту ја љубат, и затоа не примиле сила и благодат што доаѓаат преку посветеноста на вистината. Луѓето можат да исповедаат дека веруваат во вистината, но ако со тоа не станат искрени, благи, трпеливи, долготрпеливи, ако умот не им е насочен кон Небото, тогаш таа претставува проклетство за нив, а преку нивното влијание и проклетство за светот. {КВ 309.3}

Праведноста која Христос ја проповедал се состои во прилагодување на срцето и животот со откриената Божја волја. Грешните луѓе можат да станат праведни, само ако имаат вера во Бога и одржуваат животна врска со Него. Тогаш вистинската побожност ќе ги возвиши мислите и ќе го облагороди животот. Тогаш надворешните форми на религијата ќе бидат во согласност со внатрешната христијанска чистота. Тогаш обредите што се извршуваат во Божјата служба нема да бидат бесмислени церемонии, како оние на лицемерните фарисеи. {КВ 310.1}

Исус ги зема заповедите поединечно и ја објаснува длабочината и широчината на нивните барања. Наместо да отфрли и една цртичка од нивната важност, Тој покажува Колку се далекусежни нивните начела и објаснува Колку судбоносна грешка направиле Евреите со своето надворешно покорување. Тој вели дека лошата мисла или страствениот поглед веќе претставуваат кршење на Божјиот закон. Човекот што направил и најмала неправда, го крши законот и ја унижува својата морална природа. Убиството прво се појавува во мислите. Оној што и дава место на омразата во своето срце, стапнува на патеката на убиецот и неговите жртви се одвратни на Бога. {КВ 310.2}

Евреите негувале дух на одмазда. Во својата омраза кон Римјаните, тие изговарале страшни осудувања и причинувале задоволство на злиот преку манифестирање на неговите особини. Така се обучувале себеси за страшните дела на кои тој ги навел. Во верскиот живот на фарисеите немало ништо што би им препорачало побожност на незнабошците. Исус ги упатувал да не се лажат себеси со мислата дека можат во своите срца да се побунат над своите угнетувачи и да негуваат желба да им се одмаздат за сторената неправда. {КВ 310.3}

Вистина е дека постои оправдано негодување дури и кај Христовите следбеници. Кога тие ќе видат како Бог е обесчестен и како се озлогласува Неговата служба, кога ќе видат како невините се угнетуваат, тогаш во душата се раѓа праведна лутина. Таквиот

гнев, кој потекнува од чувствително срце, не е грев. Но оние што мислат дека можат да се гневат на секоја наводна провокација, го отвораат своето срце на сатаната. Ако сакаме да бидеме во хармонија со Небото, мораме да ги истераме од душата горчината и непријателството. {КВ 310.4}

Спасителот оди понатаму од ова. Тој вели: „Ако донесеш свој дар на жртвеникот и тука се сетиш дека твојот брат има нешто против тебе, остави го дарот тука пред жртвеникот, оди и прво помири се со братот, па тогаш дојди и принеси го својот дар". Многумина се ревни во верските обреди, додека меѓу нив и нивните браќа постојат несреќни несогласувања што би можеле да се отстранат. Бог бара од нив да направат сè што е во нивна моќ за да ја вратат слогата. Додека не го направат тоа, Тој не може да ја прими нивната служба. Должноста на христијанинот во тој поглед е јасно назначена. {КВ 310.5}

Бог ги излева Своите благослови на сите. „Тој прави Неговото сонце да изгрева над злите и добрите, и дава дожд на праведните и на неправедните". Тој е „благ кон неблагодарните и кон злите". (Лука 6:35) Тој ни заповеда да бидеме слични на Него. „Благословувајте ги оние кои ве колнат," вели Исус, „правете им добро на оние што ве мразат,... за да бидете синови на вашиот Татко, Кој е на небесата". Тоа се начелата на законот и тие се извори на живот. {КВ 311.1}

Божјиот идеал за Неговите деца е повозвишен, отколку што може да досегне највозвишената човечка мисла. „Бидете совршени, како што е совршен вашиот небесен Татко". Таа заповед е и ветување. Планот на откупување го прави возможно нашето целосно избавување од силата на сатаната. Христос секогаш ја одвојува покајничката душа од гревот. Тој дошол да ги уништи делата на сатаната и овозможил Светиот Дух да биде даден на секоја покајничка душа за да ја чува од грешење. {КВ 311.2}

Не смее да се мисли дека моќта на искушувачот претставува извинување за некое лошо дело. Сатаната ликува, кога слуша како луѓето, кои се нарекуваат Христови следбеници ги оправдуваат маните во својот карактер. Токму тие оправдувања водат во грев. Нема оправдување за гревот. Светиот темперамент и животот сличен на Христовиот, му е достапен на секое Божјо дете што се кае и што верува. {КВ 311.3}

Идеалниот христијански карактер е сличен на Христовиот. Како што Синот Човечки бил совршен во Својот живот, така и Неговите следбеници треба да бидат совршени во својот живот. Исус во сè бил создаден слично на своите браќа. Станал тело, како што сме и ние. Бил гладен, жеден и уморен. Се одржувал со храна и се окрепувал со сон. Ја делел судбината на човекот, но Сепак, бил безгрешен Божји Син. Бил Бог во тело. Неговиот карактер треба да биде наш. За оние што веруваат во него, Господ вели: „Ќе се вселам во нив и ќе одам меѓу нив. Јас ќе им бидам Бог, а тие ќе бидат Мој народ". (2. Коринтјаните 6:16) {КВ 311.4}

Христос е скалата што Јаков ја видел, чие подножје било на Земјата, додека највисокото скалило допира до самата порта на Небото до прагот на славата. Кога на тие скали би им недостасувало едно скалило за да допрат до Земјата, ние би биле загубени. Меѓутоа, Христос Доаѓа до нас таму каде што сме. Тој ја примил на Себе нашата природа и победил за и ние, примајќи ја Неговата природа, да можеме да победиме. Создаден „во облик на грешно тело" (Римјаните 8:3), Тој живеел безгрешен живот. Сега со Својата божествена природа се држи за небесниот престол, додека со Својата човечка природа досега до нас. Тој не повикува со вера во Него да ја достигнеме славата на Божјиот карактер. Затоа мораме да бидеме совршени, како „што е совршен и нашиот небесен Татко". {КВ 311.5}

Исус покажал во што се состои праведноста и укажал на Бога, како на Нејзин извор. Понатаму, Тој зборувал за практичните должности. „Во давањето милостина, во молитвата и во постот,“ велел Тој, „не правете ништо што би привлекло внимание или би придобило пофалба за себеси. Давајте искрено, заради доброто на сиромашните што страдаат. Во молитвата, вашата душа нека одржува врска со Бога. Кога постите, не одете со наведната глава и со срце преполно со мисли за себе”. Срцето на фарисеите било како неплодна и непрофитна почва во која не можело да успее семето на божествениот живот. Најугодна служба за Бога ќе изврши оној што ќе му се предаде без никаква резерва. Преку заедница со Бога, луѓето стануваат Негови соработници во прикажување на Неговиот карактер на човечкиот род. {КВ 312.1}

Службата извршена со искрено срце има голема плата. „Таткото, Кој гледа тајно, ќе те награди јавно”. Карактерот се образува со животот што го живееме преку Христовата благодат. Првобитната убавина почнува да се обновува во душата. Се примаат одлики на Христовиот карактер и божествениот лик зрачи од човекот. Лицата на мажите и жените кои одат и работат со Бога, изразуваат небесен мир. Тие се опкружени со небесна атмосфера. За таквите почнало небесното царство. Тие ја имаат Христовата радост, радост заради што се на благослов за човештвото. Тие имаат чест што се прифатени за употреба од Господа. Ним им е доверено да го извршуваат Неговото дело во Негово име. {КВ 312.2}

„Никој не може да им служи на двајца господари”. Не можеме да му служиме на Бога со поделено срце. Библиската вера не е еден фактор меѓу многуте други; нејзиното влијание мора да биде супериорно, проникнувајќи го и управувајќи го секое друго. Таа не смее да биде како боја нафрлана на платно на одделни места, туку мора да го проникнува целиот живот, како кога платното ќе се потопи во боја, така што секоја нишка од ткаенината ќе биде целосно обоена со боја што не избледува. {КВ 312.3}

„Ако твоето око е здраво, цело тело ќе ти биде осветлено. Но, ако окото ти е зло, цело тело ќе ти биде темно”. Чистотата и одлучноста на целта се услови да се прими светлина од Бога. Оној што сака да ја познае вистината, мора да биде подготвен да прими сè што се открива во неа. Тој никогаш не може да прави компромис со заблудата. Да се колеба и да се биде поделен во верноста на вистината значи да се избере темнината на заблудата и сатанската измама. {КВ 312.4}

Световните начела и непроменливите начела на праведноста не се мешаат едни со други незабележливо, како боите на виножитото. Вечниот Бог повлекол широка и јасна граница меѓу нив. Христовата сличност толку се разликува од таа на сатаната, како што се разликува пладнето од полноќта. Христови соработници се само оние што живеат Негов живот. Ако се негува само еден грев во душата, или ако една лоша навика се задржи во животот, целото суштество е заразено. Човекот станува орудие на неправедноста. {КВ 313.1}

Сите што ќе ја одберат Божјата служба, треба да почиваат во Неговата грижа. Христос посочил на птиците во воздухот и на цвеќето во полето и ги повикал Своите слушатели да ги набљудуваат тие предмети на Божјото создавање. „Зар не сте вредни многу повеќе од нив?“ истакнал Тој. (Матеј 6:26) Божественото внимание, кое се подарува на кој било предмет е во сооднос со неговата положба во скалата на егзистирањето. Малото кафено врапче е предмет на грижата на Провидението. За полското цвеќе, за тревата што ја покрива земјата како килим, Нашиот небесен Татко ги забележува и води грижа за нив. Големиот Уметник мислел и на лилјаните и ги направил толку прекрасни, што ја засениле Соломоновата слава. Колку тогаш повеќе се

грижи за човекот, кој е Божја слика и слава? Тој копнее Неговите деца да покажат карактер сличен на Неговиот. Како што сончевиот зрак му ги дарува на цвеќето неговите разновидни и нежни нијанси, така Бог и ја дарува на душата убавината на Својот карактер. {КВ 313.2}

Сите што ќе го изберат Христовото царство на љубов, праведност и мир и кои ќе ги стават интересите на тоа царство над сè, поврзани се со Горниот свет и ги добиваат сите благослови потребни за овој живот. Во книгата на Божјото провидение, во книгата на животот, секому му е дадена една страница. Таа страница го содржи секој детал од нашиот живот; избројани се дури сите влакна на главата. Божјите деца никогаш не се отсутни од Неговиот ум. {КВ 313.3}

„Немојте да се грижите за утре". Мораме да го следиме Христа ден за ден. Бог не дава помош за утре. Тој не им ги дава на Своите деца сите упатства за нивниот животен пат одеднаш, бидејќи тоа би можело да ги збуни. Тој им кажува само толку, колку што се во состојба да запомнат и да извршат. Сила и мудрост ни се даваат за сегашните потреби. „Ако некому од вас му недостига мудрост," за денеска, „нека бара од Бога, Кој им дава на сите изобилно и без приговор и ќе му се даде". (Јаков 1:5) {КВ 313.4}

„Не судете и нема да бидете судени". Не се сметајте себеси подобри од другите луѓе и не се поставувајте себеси за нивни судии. Бидејќи не сте во состојба да ги распознаете побудите, не можете да им судите на други. Критикувајќи го другиот, се осудувате себеси, бидејќи покажувате дека вршите дело на сатаната, обвинувачот на нашите браќа. Господ вели: „Испитајте се самите себеси дали сте во верата; проверете се самите себеси". Тоа е наша задача. „Кога би се суделе самите себеси, не би ни се судело". (2. Коринтјаните 13:5; 1. Коринтјаните 11:31) {КВ 314.1}

Доброто дрво ќе раѓа добри плодови. Ако плодот не е вкусен и не е корисен, дрвото е лошо. Така и родот што се донесува во животот дава доказ за состојбата на срцето и за совршеноста на карактерот. Со добри дела никогаш не може да се купи спасение, но тие се знак на верата, која работи преку љубовта и ја чисти душата. Иако вечна награда не ни се доделува поради нашите заслуги, таа Сепак ќе биде во сооднос со делото извршено преку Христовата благодат. {КВ 314.2}

Така Христос ги изложил начелата на Своето царство и покажал дека тие се големи животни правила. За да остави впечаток за поуката кај Своите слушатели, Тој додава илустрации. „Не е доволно" вели Тој, „да ги слушате Моите зборови. Преку послушност вие мора да ги направите основа на вашиот карактер. Самодовербата е жив песок. Ако градите на човечки теории и измислици, вашата куќа ќе се сруши. Ќе ја однесат ветриштата на искушенијата и виорите на проверките. Меѓутоа, овие начела што ви ги дадов Јас, ќе опстојат. Примете ме; градете врз Моите зборови". {КВ 314.3}

„И така секој што ги слуша овие Мои зборови и ги извршува, може да се спореди со мудар човек, кој изградил куќа на карпа; и заврна дожд и надојдоа реки, дувнаа ветрови и навалија на таа куќа, но таа не се урна, зашто беше изградена на камен". (Матеј 7:24, 25) {КВ 314.4}

32. РИМСКИОТ КАПЕТАН

Оваа поглавје е засновано на Матеј 8:5-13; Лука 7:1-17.

Христос му рекол на благородникот чијшто син го исцелил: „Ако не видите знаци и чудеса, не верувате”. (Јован 4:48) Бил тажен што Неговиот народ бара некакви надворешни знаци за Неговото месијанство. Меѓутоа, бил восхитен од верата на капетанот што дошол кај Него. Капетанот не се сомневал во моќта на Спасителот. Тој дури и не барал да дојде лично и да го изврши чудото. „Само кажи збор“ рекол тој, „и мојот слуга ќе оздрави”. {КВ 315.1}

Слугата на капетанот бил погоден со парализа и лежел на смртна постела. Кај Римјаните слугите биле робови, кои биле купувани и продавани на пазарите и со нив се постапувало грубо и свирепо, но капетанот бил нежно приврзан за својот слуга и многу сакал тој да оздрави. Тој верувал дека Исус може да го исцелува. Тој не го видел Спасителот, но извештаите што ги слушнал за Него му влевале вера. И покрај еврејскиот формализам, овој Римјанин бил убеден дека нивната религија е повозвишена од неговата. Тој веќе ги срушил преградите на националните предрасуди и на омразата, кои ги разделувале освојувачите од покорените. Манифестирал почитување кон Божјата служба и покажал љубезност кон Евреите како Негови обожаватели. Во Христовото учење, онака, како што му било пренесено, го нашол она што ја задоволувало потребата на неговата душа. Сè што било духовно во него се одзвало на зборовите на Спасителот. Меѓутоа, се чувствувал недостоен лично да излезе пред Христа, па ги замолил еврејските старешини да ја изнесат молбата за исцелување на неговиот слуга. Сметал дека тие го познаваат големиот Учител и дека знаат како треба да му пристапат за да ја придобијат Неговата наклонетост. {КВ 315.2}

Кога Исус влегол во Капернаум, го пресретнала една делегација старешини, кои му кажале за желбата на капетанот. „Достоен е“ ургирале тие, „да му го сториш тоа, зашто го сака нашиот народ и синагога тој ни изгради”. {КВ 316.1}

Исус веднаш се упатил кон домот на капетанот, но притиснат од мноштвото народ, Тој напредувал полека. Веста за Неговото доаѓање стигнала пред Него, па капетанот, во својата недоверба, испратил порака: „Господе, не труди се, зашто јас не сум достоен да влезеш под мојот покрив”. Меѓутоа, Спасителот продолжил, па капетанот конечно се осмелил да му се приближи и да ја доврши пораката, велејќи: „Затоа и не се сметав за достоен да Ти пристапам туку кажи само збор и ќе оздрави мојот слуга. Зашто и јас сум човек подвластен, имам под себе војници, па кога ќе му речам на еден од нив: Оди! и тој оди; а на друг: Дојди! и тој Доаѓа; и на мојот слуга: Направи го тоа! и тој го прави”. Како што јас сум претставник на силата на Рим и како што моите војници ја признаваат мојата власт за врховна, така и Ти ја претставуваш силата на Бесконечниот Бог, па сè што е создадено ти се покорува на Твојот збор. Ти можеш да и заповедаш на болеста да исчезне и таа ќе те послуша. Можеш да ги повикаш Своите небесни гласници и тие ќе ти дадат исцелителна сила. Изговори само еден збор и мојот слуга ќе биде излекуван. {КВ 316.2}

„Кога го слушна тоа, Исус му се восхити, па се сврте кон мноштвото што го следеше и рече: ‘Ви велам, ни во Израел не најдов толкава вера’”. А на капетанот му рекол: „Нека ти биде како што си верувал. И неговиот слуга оздрави во истиот час”. {КВ 316.3}

Еврејските старешини, што го препорачале капетанот на Христа, покажале колку се оддалечени од духот на евангелието. Не го сфатиле фактот дека право на Божјата милост ни дава единствено нашата голема потреба. Во својата самоправедност тие го препорачале капетанот заради благонаклонетоста што тој ја покажал кон „нашиот народ”. Но капетанот рекол за себе: „Не сум достоен”. Неговото срце било допрено од Христовата благодат. Ја сфатил својата недостојност, но Сепак не се плашел да побара

помош. Не се надевал во својата добрина; негов аргумент била неговата голема потреба. Неговата вера се фатила за Христа и Неговиот вистински карактер. Тој не верувал во Него само како во Чудотворец, туку и како Пријател и Спасител на човештвото. {КВ 316.4}

Така, секој грешник може да дојде кај Христа. Дој не спаси не заради праведните дела што сме ги сториле ние, туку по Својата милост". (Тит 3:5) Кога сатаната ти зборува дека си грешник и дека не можеш да се надеваш да примиш благослов од Бога, кажи му дека Христос дошол на светот за да ги спаси грешниците. Ние немаме ништо што би не препорачало кај Бога; но молбата која можеме сега и секогаш да ја изнесеме е нашата целосно беспомошна состојба. Таа состојба прави Неговата откупувачка сила да биде неопходна. Откажувајќи се од секоја самодоверба, треба да го насочиме погледот кон крстот на Голгота и да кажеме: {КВ 317.1}

„Јас не носам ништо за да платам;
туку за Твојот крст се држам". {КВ 317.2}

Евреите уште од своето детство добивале поуки што се однесувале на делото на Месијата. Ги познавале вдахновените зборови на патријарсите и пророците и симболичното значење на жртвените обреди. Меѓутоа, тие ја игнорирале светлината, па затоа сега во Исуса не наоѓале ништо поради што би го посакале. Меѓутоа, капетанот, роден во незнабоштвото, воспитан во идолопоклонството на римската империја, обучен како војник, навидум преку своето воспитување и околината одвоен од духовниот живот, и како додаток на тоа бил отфрлен од предрасудите на Евреите и презирот на своите сонародници кон еврејскиот народ тој човек ја воочил вистината за која Авраамовите деца биле слепи. Тој не чекал да види дали самите Евреите ќе го прифатат Оној, Кој тврдел дека е нивен Месија. Како што „светлината, која го осветлува секој човек што Доаѓа на овој свет" (Јован 1:9), светлела над него, тој, иако оддалеку, ја препознал славата на Божјиот Син. {КВ 317.3}

За Исуса тоа било гаранција за она важно дело што евангелието требало да го изврши меѓу незнабошците. Тој со радост гледал во иднината, кога душите од сите народи ќе се соберат во Неговото царство. Со длабока тага им укажал на присутните Евреи за последиците на нивното отфрлање на Неговата благодат: „Јас ви велам дека многумина ќе дојдат од исток и од запад и ќе седнат на масата со Авраама, со Исака и со Јакова, во небесното царство; но синовите на царството ќе бидат фрлени во крајна темнина каде ќе има плачење и чкртање со заби". Ах, колку има такви кои и денес се подготвуваат за тоа кобно разочарување! Додека душите во темнината на незнабоштвото ја прифаќаат Неговата благодат, колку има многу во христијанските земји на кои светлината им свети само за да ја игнорираат. {КВ 317.4}

Околу триесетина километри од Капернаум, на една висорамнина, која овозможувала широк поглед на пространата, прекрасна израелска низина, се наоѓало селото Наин, кон кое се упатил Исус. Со Него биле учениците и многу други, а попатно му приоѓале други луѓе, кои копнееле по Неговите зборови на љубов и милосрдие, донесувајќи ги своите болни за Тој да ги излекува и секогаш со надеж дека Оној, Кој располагал со толку чудесна сила ќе се објави како цар на Израел. Мноштво народ го притискало Него на секој чекор и тоа била радосна поворка, полна со исчекување, која го следела Него по каменливата патека кон портите на планинското село. {КВ 318.1}

Додека се приближувале кон градот, на капијата се појавила посмртна поворка. Со бавни и тажни чекори поворката се упатувала кон гробиштата. Телото на мртовецот било носено на носила на чело на поворката, а по него оделе оплакувачите, чие лелекање го исполнувало воздухот. Изгледало како да се собрале жителите на цел град за да оддадат чест на покојникот и да укажат сочувство на ожалостените. {КВ 318.2}

Тоа била сцена што предизвикувала сочувство. Покојникот бил единец на својата мајка, а таа била вдовица. Осамената тажалка го придружувала до гробот, својата единствена земна потпора и утеха. „Кога Господ ја виде, се сожали над неа". Додека се движела како слепа, плачејќи и не забележувајќи го Неговото присуство, Тој и пристапил и благо и рекол: „Не плачи". Иако имал намера за неколку моменти да ја претвори нејзината тага во радост, Сепак не можел да се воздржи од тој израз на нежно сочувство. {КВ 318.3}

„Тогаш се приближи и го допре носилото". Него не можел да го оскверни ниту допирот со мртовецот. Носачите застанале, а плачот на оплакувачите престанал. Две групи се собрале околу мртовечкиот ковчег, надевајќи се иако немало надеж. Тука се наоѓал Оној, Кој истерувал болести и совладувал демони; дали и смртта е под контрола на Неговата сила? {КВ 318.4}

Со јасен и авторитативен глас Исус ги изговорил зборовите: „Момче, тебе ти велам, стани!" Тој глас продрел до ушите на покојникот и момчето ги отворило очите. Потоа Исус го фатил за рака и го подигнал. Неговиот прв поглед запрел на онаа, која плачела покрај него, па мајката и синот се соединиле во долга, цврста и радосна прегратка. Мноштвото гледало без зборови, како маѓепсани. „И страв ги опфати сите". Молчејќи и со стравопочитување стоеле извесно време, како да се наоѓале во присуство на Бога. Тогаш тие „го прославија Бога велејќи: 'Голем пророк се појави меѓу нас и Господ го посети Својот народ'". Погребната поворка се вратила во Наин како триумфална поворка. „И се рашири овој глас за Него низ сета Јудеја и низ сета околина". {КВ 318.5}

Оној, Кој стоел покрај натажената мајка крај портите на Наин, бдее со секој што оплакува крај мртовечката постела. Тој сочувствува со нас во секоја наша жалост. Тоа срце, кое знаело да сака и да тагува, е срце со непроменлива нежност. Неговите зборови што подигале мртви во живот, не се помалку делотворни и денес, отколку тогаш, кога му биле упатени на момчето од Наин. Тој вели: „Ми се даде сета власт на Небото и Земјата". (Матеј 28:18) Таа сила не е намалена со течењето на годините, ниту исцрпена заради постојаното делување на Неговата преобилна благодат. Тој сè уште е наш жив Спасител за сите што веруваат во Него. {КВ 319.1}

Враќајќи го синот на мајката, Исус ја претворил нејзината болка во радост. Но Сепак, момчето било повикано во овој земен живот за да ги искуси животните Болки, тешката работа, животните опасности и повторно да дојде под власта на смртта. Меѓутоа, во нашата тага за мртвите, Исус не теши со веста на бесконечната надеж: „Јас сум Оној што живее и беше мртов и ете жив сум за сите векови... и ги имам клучевите од адот и смртта". „Бидејќи пак децата имаат учество во месото и крвта, така и Тој зеде учество во тоа, за преку смртта да го уништи оној, кој имаше власт над смртта, односно ѓаволот; и да ги избави оние, кои заради стравот од смртта, цел живот беа во ропство". (Откровение 1:18; Евреите 2:14,15) {КВ 320.1}

Сатаната не може да ги задржи мртвите под своја власт, кога Божјиот Син ќе ги повика во живот. Тој не може да држи во духовна смрт една душа, која со вера ја прима силата на Христовата Реч. Бог им зборува на сите што се мртви во гревот: „Разбуди се ти кој спиеш, воскресни од мртвите". (Ефесјаните 5:14) Таа Реч е вечен живот. Како што

Божјата Реч го повикала првиот човек во живот и денес ни дава живот, како што Христовата Реч: „Момче, тебе ти велам, стани“ му дала живот на момчето од Наин, така и Речта „воскресни од мртвите“ е живот за душата што ќе ја прими. Бог „не избави од власта на темнината и не пренесе во царството на Својот драг Син”. (Колосјаните 1:13) Сето тоа ни е понудено во Неговата Реч. Ако ја примиме Речта, ќе бидеме ослободени. {КВ 320.2}

И „ако Духот на Оној што го воскресна Исуса од мртвите, пребива во вас, Оној што го воскресна Исуса Христа од мртвите, ќе ги оживее и вашите смртни тела преку Својот Дух кој пребива во вас”. „Зашто Самиот Господ ќе слезе од небото со заповеднички повик, со архангелски глас и со звук на Божја труба и најпрво ќе воскреснат мртвите во Христа. А потоа ние живите кои останавме, ќе бидеме грабнати заедно со нив на облаците, во пресрет на Господа. И така засекогаш ќе бидеме со Господа”. (Римјаните 8:11; 1. Солунјаните 4:16,17) Ова се зборови на утеха со кои Тој ни заповеда да се утешуваме еден со друг. {КВ 320.3}

33. КОИ СЕ МОИТЕ БРАЌА?

Оваа поглавје е засновано на Матеј 12:22-50; Марко 3:20-35.

Синовите на Јосиф биле далеку од тоа да бидат наклонети кон Исуса и Неговото дело. Извештаите за Неговиот живот и дејност кои допреле до нив предизвикале кај нив изненадување и вознемиреност. Слушале како Тој цела ноќ поминува во молитва, дека преку денот Тој бил опкружен од големи групи луѓе, како за Себе не одвојувал време ниту да јаде. Неговите пријатели сметале дека Тој се исцрпува со постојана работа; не можеле да го разберат Неговиот став кон фарисеите, а некои стравувале да не е поместен од умот. {КВ 321.1}

Неговите браќа го чуле ова, како и обвинувањето на фарисеите дека Тој истерува демони со помош на сатанската сила. Длабоко го чувствувале прекорот заради нивното сродство со Исуса. Знаеле колкав метеж создале Неговите зборови и дела, па не биле само шокирани заради Неговите смели изјави, туку и поради Неговото разобличување на книжевниците и фарисеите. Одлучиле да го убедат или да го принудат да престане со таква работа, па ја навеле Марија да им се придружи, надевајќи се дека благодарение на Неговата љубов кон неа, ќе бидат во состојба да го наговорат да биде повнимателен. {КВ 321.2}

Непосредно пред тоа Исус извршил по вторпат чудо на исцелување на еден човек што бил опседнат, слеп и нем, па фарисеите го повториле обвинувањето: „Тој ги изгонува ѓаволите преку кнезот на ѓаволите”. (Матеј 9:34) Христос отворено им рекол дека тие се одвојуваат од изворот на благослов со тоа што делото на Светиот Дух му го припишуваат на сатаната. Може да им се прости на оние што зборувале против Исуса, не сфаќајќи го Неговиот божествен карактер, бидејќи со помош на Светиот Дух можат да дојдат до тоа да ја увидат својата грешка и да се покајат. Каков и да е гревот, вината може да се измие со Христовата крв, ако душата се покае и ако верува; но оној што го отфрла делото на Светиот Дух, се става себеси онаму, каде што покајанието и верата не можат да го досегнат. Преку Духот Господ делува на срцето и кога луѓето свесно го отфрлаат Духот и тврдат дека Тој е од сатаната, со тоа тие ја прекинуваат врската преку

која Бог може да комуницира со нив. Кога делото на Светиот Дух конечно ќе се отфрли, тогаш Бог не може ништо повеќе да направи за душата. {КВ 321.3}

Фарисеите на кои Христос им ја упатил оваа опомена, ни самите не верувале во обвинувањата што ги изнесувале против Него. Меѓу тие големодостојници немало ниту еден, кој се чувствувал привлечен кон Спасителот. Тие го слушнале гласот на Светиот Дух во своето срце, Кој им зборувал дека Исус е Израелевиот Помазаник и ги повикувал да го признаат и да станат Негови ученици. Во светлината на Неговото присуство ја увидувале својата несветост и копнееле по праведност, која самите не биле во состојба да ја создадат. Бидејќи еднаш го отфрлиле, сега би било премногу понижувачки да го примат како Месија. Бидејќи се упатиле по патеката на неверието, биле премногу горди за да ја признаат својата грешка. За да не мораат да ја признаат вистината, очајно се обидувале да го оспорат учењето на Спасителот. Доказите за Неговата сила и милост нив ги иритирале. Не можеле да го спречат Спасителот да врши чуда, не можеле да го замолчат Неговото учење, но направиле сè што било во нивна моќ лажно да го прикажат и да ги изопачат Неговите зборови. Сепак, Божјиот Дух сè уште ги следел и убедувал, па морале да подигаат многу препреки за да се спротивстават на Неговата сила. Со нив се борела најголемата сила, која може да влијае на човечкото срце, но тие не сакале да попуштат. {КВ 322.1}

Бог не е Тој, Кој ги заслепува очите на луѓето, ниту ги стврднува нивните срца. Тој им испраќа светлина за да ги поправат своите грешки и да ги изведе на сигурна патека. Очите стануваат слепи, а срцето тврдо заради тоа што луѓето ја отфрлаат светлината. Тоа често се случува постепено и речиси незабележливо. Светлината Доаѓа до душата преку Божјата Реч, преку Неговите слуги или со непосредно делување на Неговиот Дух, но, ако човекот игнорира еден зрак светлина, тој со тоа делумно го умртвува духовното согледување, па следното откривање на светлината уште помалку се распознава. Така се зголемува темнината, додека на крај темнина не завладее во душата. Тоа било случај со овие еврејски водачи. Тие биле убедени дека Христа го следи божествена сила, но за да се спротивстават на вистината, на сатаната му го припишувале делото на Светиот Дух. Со тоа тие свесно се одлучиле за измама, му се предале на сатаната и оттогаш па натаму тие биле управувани од неговата сила. {КВ 322.2}

Со Христовата опомена во поглед на гревот против Светиот Дух тесно е поврзана опомената против празните и зли зборови. Зборовите го манифестираат она што е во срцето. „Зашто устата го зборува она со што е преполно срцето”. Зборовите се и нешто повеќе од одраз на карактерот; тие имаат и повратно дејство на карактерот. Луѓето потпаѓаат под влијание на сопствените зборови. Поттикнати од сатаната, тие често во моментален нагон и даваат израз на љубомората и злите претпоставки, кажувајќи нешто во што и самите не веруваат; но зборовите влијаат на мислите. Тие се измамени од своите зборови и почнуваат да веруваат дека е вистина она што е изговорено под влијание на сатаната. Бидејќи веќе го искажале своето мислење или својата одлука, тие честопати се премногу горди да го повлечат тоа, па се обидуваат да докажат дека се во право, сè додека на крај и сами не поверуваат во тоа. Опасно е да се изговори некој збор на сомневање, опасно е да се става под прашање и критикува божествената светлина. Навиката за лекомислено критикување без стравопочит влијае на карактерот, бидејќи негува недостаток на стравопочит и неверие. Човекот што се оддава на таа навика несвесно стапува на опасен пат и на крај е подготвен да критикува и да го отфрли делото на Светиот Дух. Исус рекол: „За секој празен збор што ќе го изговорат луѓето ќе

одговараат на судниот ден. Зашто по зборовите свои ќе бидеш оправдан, и по зборовите свои ќе бидеш осуден”. {КВ 323.1}

Тогаш додал уште една опомена на оние на кои Неговите зборови оставиле впечаток, кои го слушале со задоволство, но не се предале, за да може Светиот Дух да се всели во нив. Душата не пропаѓа само поради отпорот, туку и поради немарноста. „Кога нечистиот дух ќе излезе од човекот“ рекол Исус, „тој талка низ пусти места барајќи покој, но не наоѓа. Тогаш си вели: ‘Ќе се вратам во мојот дом од кој излегов’; и штом се врати го наоѓа празен, очистен и суреден. Тогаш оди и доведува со себе седум други духови полоши од себе, па влегуваат и живеат таму”. {КВ 323.2}

Во Христово време имало многу луѓе, како што ги има и денес, за кои изгледало дека се ослободиле од сатанската сила; преку Божјата благодат тие биле ослободени од злите духови што владееле со нивната душа. Тие се радувале во Божјата љубов, но како оние слушатели во параболата, кои прилегаат на камена почва, не пребивале во Неговата љубов. Тие не се предавале секојдневно на Христа за Тој да може да престојува во нивното срце, а кога лошиот дух се вратил со „седум други духови полоши од себе,“ со нив целосно загосподарила силата на злото. {КВ 323.3}

Кога душата ќе му се предаде на Христа, тогаш со новото срце владее нова сила. Се извршува промена која човекот со свои сили никогаш не може да ја оствари. Тоа е целосно натприродна појава, која внесува еден натприроден елемент во човечката природа. Душата што му се предава на Христа станува Негова тврдина, која Тој ја држи во еден бунтовен свет и Тој не сака во неа да се признае некоја друга власт освен Неговата. Душата која се држи така во поседот на небесните сили, е несовладлива за нападите на сатаната. Но ако не се предадеме под контрола на Христа, над нас ќе владее злиот. Неминовно мораме да бидеме под власт на едната или на другата голема сила, кои се борат за превласт во светот. Не е неопходно да избереме служба на царството на темнината за да потпаднеме под нејзина власт. Доволно е само да занемариме да се соединиме со царството на светлината. Ако не соработуваме со небесните сили, сатаната ќе го заземе срцето и ќе го направи свое живеалиште. Единствена одбрана против злото е Христос да престојува во срцето преку вера во Неговата праведност. Ако животно не се поврземе со Бога, никако нема да можеме да му се спротивставиме на кобното дејство на самољубието, самоугодувањето и искушението на гревот. Можеме да се откажеме од многу лоши навики, извесен период можеме да се одвоиме и од друштвото на сатаната, но ќе бидеме победени, ако немаме животна врска со Бога со тоа што ќе му се предаваме секој момент. Без лично познавање со Христа и постојано општење, изложени сме на милост и немилост на непријателот и на крај ќе се покориме на неговата волја. {КВ 324.1}

„Со тоа последната состојба на тој човек станува полоша од првата. Така ќе биде“ вели Исус, „и со ова зло поколение”. Нема потврдокорни луѓе од оние, кои го игнорирале повикот на милост и го презреле Духот на благодатта. Гревот против Светиот Дух најчесто се манифестира во упорно одбивање на небесниот повик на покајание. Секој чекор во отфрлање на Христа е еден чекор кон отфрлање на спасението и кон гревот против Светиот Дух. {КВ 324.2}

Отфрлајќи го Христа, еврејскиот народ направил непростлив грев, а ние можеме да ја направиме истата грешка доколку го отфрлиме повикот на милост. Ние го навредуваме Кнезот на животот и се изложуваме на срам пред сатанската толпа и пред небесната вселена, кога одбиваме да ги слушаме Неговите ополномоштени гласници и наместо тоа ги слушаме сатанаските помошници, кои сакаат да ја одвлечат душата од

Христа. Сè додека некој прави така, нема да има надеж, ниту простување и конечно ќе ја загуби секоја желба да се помири со Бога. {КВ 324.3}

Додека Исус го поучувал народот, Неговите ученици му јавиле дека надвор се Неговата мајка и Неговите браќа и дека сакаат да го видат. Тој знаел што е во нивното срце, па „му одговори на оној што му го јави тоа: 'Која е Мојата мајка и кои се Моите браќа?' И ја подаде раката кон Своите ученици и рече: 'Еве ја Мојата мајка и Моите браќа!' Секој што ја извршува волјата на Мојот небесен Татко, тој Ми е и брат и сестра и мајка". {КВ 325.1}

Сите што сакале да го примат Христа со вера, биле соединети со Него со една врска посилна од секоја човечка роднинска врска. Станувале едно со Него, како што Тој бил едно со Таткото. Како верник и како извршител на Неговите зборови, Неговата мајка била потесно и по спасоносно поврзана со Него, отколку преку своето природно сродство. Неговите браќа не можеле да имаат никакви благодети од врската со Него, освен ако го примат како свој личен Спасител. {КВ 325.2}

Каква само поддршка би нашол Исус во Своите земни роднини ако тие верувале во Него, како на Оној што дошол од Небото и ако соработувале со Него во вршење на Божјото дело! Нивното неверие фрлило своја сенка на Неговиот земен живот. Тоа бил еден дел од горчината на чашата на болката, која Тој ја испил за нас. {КВ 325.3}

Божјиот Син длабоко го чувствувал непријателството што се појавило во човечкото срце против евангелието, па најтешко му било во Неговиот дом, бидејќи Неговото срце било полно со љубезност и љубов и Тој ја ценел нежноста во семејните односи. Неговите браќа сакале да ги прифати нивните погледи, што би било во спротивност со Неговата божествена мисија. Тие сметале дека Нему му е потребен нивниот совет. За Него расудувале од човечка гледна точка и мислеле дека би ги одбегнал непријатните судири што ги предизвикале Неговите зборови, кога би го зборувал она што било прифатливо за книжевниците и фарисеите. Сметале дека Тој го загубил својот ум со тоа што тврди дека има божествен авторитет и што упатува укори на рабините поради нивните гревови. Знаеле дека фарисеите бараат можност да го обвинат и сметале дека им дал доволно причини за тоа. {КВ 326.1}

Со тие свои ограничени мерила тие не можеле да ја сфатат мисијата која Тој дошол да ја исполни и не сочувствувале со Него во Неговите неволји. Нивните груби и неблагодарни зборови покажувале дека немаат јасна претстава за Неговиот карактер и дека не распознале оти божественото се споило со човечкото. Често го гледале тажен, но наместо да го тешат, нивниот дух и зборови само го ранувале Неговото срце. Неговата чувствителна природа била изложена на маки, Неговите побуди погрешно се толкувале, Неговото дело било несфатено. {КВ 326.2}

Неговите браќа често ја застапувале фарисејската филозофија, која била излитена и застарена и биле убедени дека можат да го поучуваат Него, Кој ја познавал сета вистина и ги знаел сите тајни. Многу песно го осудувале она што не можеле да го разберат. Нивните прекори длабоко го трогнувале и Неговата душа била изморена и нажалена. Тие исповедале вера во Бога и сметале дека го бранеле Бога, иако Бог бил со нив во тело, но тие не го познале. {КВ 326.3}

Поради сето тоа, Неговиот пат бил трнлив. Христа толку го болело неразбирањето во сопствениот дом, што за Него било олеснување да оди некаде, каде што не постоело тоа. Постоел еден дом што Тој сакал да го посетува домот на Лазар, Марија и Марта, каде што Неговиот дух наоѓал одмор во атмосферата на вера и љубов. Сепак, на Земјата немало никој, кој можел да ја сфати Неговата божествена мисија или да го знае товарот

што Тој го понел заради човештвото. Често можел да најде олеснување само во осаменост и во заедница со Својот небесен Татко. {КВ 326.4}

Оние кои се повикани да страдаат заради Христа, кои мораат да поднесуваат неразбирање и недоверба дури и во својот дом, можат да најдат утеха во мислите дека и Исус морал да го поднесува тоа. Тој има сочувство кон нив. Тој ги повикува да го побараат Неговото друштво и да најдат олеснување, какво што наоѓал Тој во општењето со Таткото. {КВ 327.1}

Оние кои го примаат Христа како личен Спасител не се напуштени како сирачиња, сами да го носат товарот на животот. Тој ги прима како членови на небесното семејство; ги повикува да го наречат Неговиот Татко свој Татко. Тие се Негови „малечки," драги на Божјото срце, поврзани со Него со најнежни и најтрајни врски. Тој чувствува огромна нежност кон нив, која го надминува сето она што нашите родители го чувствувале кон нас во нашата немоќ, како што божественото го надминува човечкото. {КВ 327.2}

Во законите дадени на Израел има една убава илустрација за Христовиот однос кон неговиот народ. Ако некој Евреин поради сиромаштија морал да се одвои од своето наследство и да се продаде како роб, најблискиот роднина бил должен да го откупи него и неговото наследство. (Види Левит 25:25; 47-49; Рут 2:20) Така и должноста да не откупи нас и нашето наследство, кое сме го изгубиле поради гревот, му припаѓа на Оној, Кој ни е „Близок роднина". Тој стана наш роднина за да не откупи. Спасителот ни е поблизок од таткото, мајката, братот, пријателот или љубовникот. „Не бој се," рекол Тој, „зашто Јас те откупив; те повикав по име, ти си мој". „Драгоцен си во Моите очи, ценет си и Јас те возљубив; затоа и давам луѓе за тебе и народи за твојот живот". (Исаија 43:1,4) {КВ 327.3}

Христос ги љуби небесните суштества што го опкружуваат Неговиот престол; но од каде потекнува онаа голема љубов со која не љуби нас? Не можеме да ја сфатиме, но можеме да знаеме дека е вистина преку нашето лично искуство. Ако сме во сродство со Него, со колкава нежност мораме да се однесуваме кон оние, кои се браќа и сестри на нашиот Господ? Не треба ли брзо да ги признаеме барањата што произлегуваат од ова божествено сродство? Усвоени во Божјото семејство, зар нема да го почитуваме нашиот Татко и нашите роднини? {КВ 327.4}

34. ПОВИК

Оваа поглавје е засновано на Матеј 11:28-30.

„Дојдете кај Мене сите кои се трудите и сте обременети и Јас ќе ви дадам одмор". {КВ 328.1}

Овие зборови на утеха биле изговорени на мноштвото што одело по Исуса. Спасителот рекол дека луѓето само преку Него можат да го запознаат Бога. За Своите ученици зборувал, како за луѓе на кои им е дадено знаење за небесните нешта. Меѓутоа, Тој не дозволил никој да се чувствува лишен од Неговата грижа и љубов. Сите што се трудат и кои се обременети можат да дојдат кај Него. {КВ 328.2}

Книжевниците и рабините со своето строго почитување на верските обреди чувствувале дека им недостига нешто што обредите на покајание не можат никогаш да го задоволат. Цариниците и грешниците можеле да се преправаат дека се задоволни од телесното и земното, но во нивното срце владееле недоверба и страв. Исус ги

набљудувал луѓето притиснати со јад и товар, луѓе чии надежи избледеле, луѓе кои сакале со земни радости да ги смират копнежите на душата, па сите ги повикал во Него да најдат одмор. {КВ 328.3}

Тој нежно ги повикал сите намачени: „Земете го Мојот јарем на себе и поучете се од Мене; зашто Јас сум кроток и понизен по срце и ќе најдете покој за своите души". {КВ 328.4}

Со овие зборови Христос му се обраќа на секое човечко суштество. Без разлика дали го знаат тоа или не, сите се изморени и натоварени. Сите се притиснати под товарот што само Христос може да го отстрани. Најтешкиот товар што го носиме е товарот на гревот. Кога би морале сами да го носиме, тој би не скршил. Но, Безгрешниот го зазел нашето место. „Господ ги возложи на Него сите наши беззаконија". (Исаија 53:6) Тој го понел товарот на нашата вина. Тој ќе го земе товарот од нашите изморени рамења. Тој ќе ни даде одмор. Тој ќе го понесе и товарот на грижата и тагата. Тој не повикува да ги префрлиме на Него сите наши грижи, бидејќи не носи во Своето срце. {КВ 328.5}

Постариот Брат на нашиот род е покрај вечниот престол. Тој гледа на секоја душа, која го врти своето лице кон Него, како на Спасител. Тој од искуство знае какви се човечките слабости, какви се нашите потреби и каде лежи силата на нашите искушенија, бидејќи бил искушуван во сѐ како и ние, но без грев. Тој бдее над тебе, Божјо дете, кое трепериш. Дали си во искушение? Тој ќе те ослободи. Дали си слаб? Тој ќе те зајакне. Дали си во незнаење? Тој ќе те просветли. Дали си ранет? Тој ќе те исцели. Господ „го знае бројот на ѕвездите" па Сепак, „Тој ги лекува оние што се со скршено срце и ги преврзува нивните рани". (Псалм 147:4,3) „Дојдете кај Мене" е Неговиот повик. Какви и да се вашите стравувања и неволји, изнесете го својот случај пред Господа. Вашиот дух ќе биде засилен да издржи. Пред вас ќе се отвори пат по кој ќе се спасите од засрамеността и тешкотиите. Колку повеќе се чувствувате слаби и немоќни, толку повеќе ќе станете посилни во Неговата сила. Колку се потешки вашите бремиња, толку поблагословен е одморот, кога ќе го ставите товарот врз Носителот на бремињата. Одморот што Христос го дава зависи од услови, но тие услови се јасно одредени. Тоа се услови што сите можат да ги исполнат. Тој точно ни кажува како можеме да најдеме одмор во Него. {КВ 329.1}

„Земете го Мојот јарем на себе" вели Исус. Јаремот е орудие на служба. Говедата се ставени во јарем за да работат, и јаремот е неопходен за да можат да работат ефективно. Со таа споредба Христос не учи дека сме повикани да служиме додека сме живи. Треба да го земеме на себе Неговиот јарем за да станеме Негови соработници. {КВ 329.2}

Јаремот што не впрегнува во служба е Божјиот закон. Големиот закон на љубовта, откриен во Едем, објавен на Синај и во Новиот Завет запишан во срцето е она што го врзува работникот за Божјата волја. Кога би биле препуштени да се поведуваме по своите склоности, да одиме таму, каде што не води нашата волја, би паднале во сатанските редови и би ги поседувале неговите особини. Затоа Бог не ограничува со Својата волја, која е возвишена, благородна и воздигнувачка. Тој сака трпеливо и мудро да ги земеме должностите на служба. Христос во човечкиот облик го понел јаремот на служба. Тој рекол: „Наоѓам задоволство да ја творам Твојата волја, Боже мој; законот Твој е во Моето срце". (Псалм 40:8) „Јас не слегов од Небото да ја извршувам Мојата волја, туку волјата на Оној, Кој Ме прати". (Јован 6:38) Љубовта кон Бога, ревноста за Неговата слава и љубовта кон паднатите луѓе го довеле Исуса на Земјата да страда и да

умре. Тоа била силата што управувала со Неговиот живот. Тој не повикува да го усвоиме тоа начело. {КВ 329.3}

Има многу луѓе чие срце се стега под товарот на грижи, бидејќи се трудат да го достигнат стандардот на овој свет. Тие ја избрале неговата служба, ги прифатиле неговите грижи и ги усвоиле неговите обичаи. Со тоа го извалкале својот карактер и својот живот го направиле заморен. За да ги задоволат световните желби, тие ја ранууваат совеста и врз себе си ставаат дополнителен товар на грижа на совеста. Постојаната грижа ги исцрпува нивните животни сили. Нашиот Господ сака да го оставиме тој јарем на ропство. Тој не повикува да го примиме Неговиот јарем и вели: „Мојот јарем е благ и Моето бреме е лесно". Тој не повикува најнапред да го бараме Божјото царство и Неговата праведност, а потоа ветува дека ќе ни се даде сè што ни е потребно за овој живот. Грижата е слепа и не може да ја согледа иднината, но Исус го гледа крајот од самиот почеток. За секоја тешкотија Тој има подготвен пат за да ни донесе олеснување. Нашиот небесен Татко има илјадници начини да се погрижи за нас, за кои ние не знаеме. Оние кои ќе го прифатат ова начело службата за Бога и Неговата слава да им биде на прво место ќе видат како грижите ќе исчезнат и ќе здогледаат јасен пат пред своите нозе. {КВ 330.1}

„Поучете се од Мене" вели Исус „зашто Јас сум кроток и понизен по срцето и ќе најдете покој". Мораме да одиме во Христовата школа и да се поучиме од Неговата кротост и понизност. Избавувањето е процес со кој душата се обучува за Небото. Тоа обучување значи познавање на Христа. Тоа подразбира ослободување од идеите, навиките и практиките стекнати во школата на кнезот на темнината. Душата мора да се ослободи од сè што е во спротивност со верноста кон Бога. {КВ 330.2}

Во Христовото срце, кое било во совршена хармонија со Бога, царувал совршен мир. Никогаш не се воздигал поради одобрувањата, ниту ја загубил храброста поради прекорите или разочарувањата. Останувал со бодар дух и во најголемото спротивставување и најсуровите постапки. Меѓутоа, многумина кои тврдат дека се Негови следбеници се загрижени и вознемирени, бидејќи се плашат да се доверат себеси на Бога. Тие не се предаваат целосно, плашејќи се од последиците од кои едно такво предавање ги повлекува со себе. Ако целосно не се предадат, тие не можат да најдат мир. {КВ 330.3}

Немирот Доаѓа од љубовта кон себеси. Кога ќе бидеме родени одозгора, во нас ќе биде истиот ум кој бил во Исуса, ум кој го навел да се понизи Себеси за ние да можеме да бидеме спасени. Тогаш нема да копнееме по највисоките места. Најголема желба ќе ни биде да седиме покрај Исусовите нозе и да учиме од Него. Ќе сфатиме дека вредноста на нашата работа не се состои во тоа да се преправаме и да предизвикаме врева во светот, ниту да работиме и ревнуваме во нашата сопствена сила. Вредноста на нашата работа е во сооднос со примањето на Светиот Дух. Довербата во Бога донесува посвети својства на умот, така што во трпение можеме да ја сочуваме својата душа. {КВ 330.4}

Јаремот им служи на воловите за да им помогне во влечењето на товарот, за да им го олесни товарот. Така е и со Христовиот јарем. Кога нашата волја ќе исчезне во Божјата волја и ако ги користиме Неговите дарови за да бидеме благослов за другите, ќе видиме дека товарот на животот е лесен. Човекот што оди по патот на Божјите заповеди е во друштво на Христа и во Неговата љубов срцето наоѓа мир. Кога Мојсеј се молел: „Покажи ми го Својот пат, за да те познаам," Господ му одговорил: „Јас Самиот ќе одам со тебе и ќе те успокојам". (Излез 33:13,14) И преку пророците ни е дадена пораката:

„Вака вели Господ: Застанете на вашите патишта и распрашајте се за старите патеки, каде е добриот пат и врвете по него и ќе најдете спокој за своите души". (Еремија 6:16) И Тој вели: „О, да внимаваше на Моите заповеди, мирот твој ќе беше како река, а праведноста твоја како бранови морски". (Исаија 48:18) {КВ 331.1}

Оние кои се држат за Христовата Реч и ја предаваат својата душа на Негова грижа и својот живот на Неговото водство ќе најдат мир и спокојство. Ништо од овој свет не може да ги растажи, бидејќи Исус ги прави радосни со Своето присуство. Во совршеното помирување се наоѓа совршен мир. Господ вели: „На оној, кој се држи за Тебе му даваш совршен мир, зашто се надева во тебе". (Исаија 26:3) Нашиот живот може да ни изгледа многу замрсен, но ако се довериме на грижата на мудриот Бог, Тој ќе креира модел на живот и карактер, кои ќе бидат на Негова слава. И оној карактер, кој одразува слава Христовиот карактер ќе биде примен во Божјиот рај. Обновеното човештво ќе чекори со Него во бели облеки, бидејќи ќе биде достојно. {КВ 331.2}

Кога ќе примиме мир преку Христа, овде за нас започнува Небото. Ние одговараме на Неговиот повик: „Дојдете, и поучете се од мене" и така Доаѓајќи ние го започнуваме вечниот живот. Небото е постојано приближување на Бога преку Христа. Колку подолго сме во блаженството на Небото, сè повеќе и повеќе ќе ни се отвора славата пред нас и колку повеќе го познаваме Бога, толку поголема ќе биде нашата среќа. Чекорејќи со Исуса во овој живот, можеме да бидеме исполнети со Неговата љубов, задоволени со Неговото присуство. Уште во овој живот можеме да примиме сè што може да поднесе човечката природа. Меѓутоа, што е тоа во споредба со она што Доаѓа? Тие „стојат пред Божјиот престол и му служат ден и ноќ во Неговиот храм. А Оној што седи на престолот, ќе живее со нив. И нема веќе да огладнат, ниту пак да ожеднат; нив нема да ги пече ниту сонцето ниту каква и да е жега, зашто Јагнето, Кое е среде престолот, ќе ги пасе и ќе ги води на извори на жива вода. И Бог ќе ја избрише секоја солза од нивните очи". (Откровение 7:15-17) {КВ 331.3}

35. „МОЛКНИ, ПРЕСТАНИ!"

Оваа поглавје е засновано на Матеј 8:23-34; Марко 4:35-41; 5:1-20; Лука 8:22-39.

Тој ден бил полн со настани во Исусовиот живот. Покрај Галилејското Езеро Тој ги изговорил Своите први параболи, објаснувајќи ја со познати примери природата на Своето царство и начинот на кој тоа ќе се воспостави. Своето дело го споредил со работата на сејачот; развојот на своето царство со растењето на синаповото семе и со делувањето на квасецот врз тестото. Големото последно одвојување на праведните од безбожните го опишал со параболата за пченицата и каколот и за рибарската мрежа. Преголемата драгоценост на вистината која Тој ја учел била објаснета со скриеното богатство и со скапоцениот бисер, додека во приказната за домаќинот ги поучил Своите ученици како треба да работат како Негови претставници. {КВ 333.1}

Учел и лекувал цел ден, а во приквечерината народот сè уште се туркал околу Него. Од ден на ден Тој им служел, едвај правејќи пауза за да јаде или да се одмори. Злобните критики на фарисеите и нивното изопачување на Неговата наука со кои тие постојано го следеле ги правеле Неговите напори уште потешки и помачни, па на крајот од денот бил толку изморен, што решил да побара одмор на некое осамено место од другата страна на езерото. {КВ 333.2}

Источниот брег на Генизарет бил ненаселен, бидејќи само наместа покрај езерото се наоѓале гратчиња; Сепак, во споредба со западниот брег, тоа била пуста област. Населението било повеќе незнабожечко отколку еврејско и малку одржувало врска со Галилеја. Во таквата област Исус можел да го најде мирот што го барал, па затоа ги повикал Своите ученици да Му се придружат на другата страна. {КВ 333.3}

Откако го отпуштил мноштвото, тие го земале Него „како што беше“ во чамецот и брзо отпловиле. Но не отпловиле сами. На брегот се наоѓале и други рибарски чамци и тие брзо се наполниле со народ кој го следел Исуса, желни да го гледаат и слушаат. {КВ 334.1}

Конечно Спасителот бил ослободен од притисокот на мноштвото па, совладан од умор и глад, легнал на крмата на чамецот и набргу заспал. Ноќта била мирна и пријатна и тишина владеела над езерото; меѓутоа, небото одеднаш се замрачило, низ планинските клисури долж источниот брег почнал да дува силен ветар и над езерото завладеала жестока бура. {КВ 334.2}

Сонцето било зајдено и темнината на ноќта се спуштила над разбрануваното езеро. Гонети од ветрот што завивал, брановите силно удирале врз чамецот на учениците и се заканувале да го потопат. Тие издржливи рибари го поминале целиот свој живот на езеро и своите чамци ги провлекле безбедно низ многу бури, но сега нивната сила и вештина не им вределе ништо. Биле немоќни пред силата на стихијата и надежта им исчезнала, кога виделе како чамецот се полни со вода. {КВ 334.3}

Обземени од напорите да се спасат, заборавиле дека Исус бил во чамецот. Конечно, гледајќи дека напорите им се напразни и гледајќи само смрт пред себеси, се сетиле на Оној по чиј налог тргнале на другата страна од езерото. Во Исуса била нивната единствена надеж. Во својата немоќ и очај, тие повикале: „Учителе, Учителе! Меѓутоа, густата темнина го криела од нивните очи. Гласовите им се загубиле во завивањето на бурата и не добиле никаков одговор. Ги нападнал сомнеж и страв. Дали Исус ги оставил? Зар Оној, Кој ја победил болеста и демоните, па дури и смртта, бил немоќен сега да им помогне на Своите ученици? Зар Тој ги заборавил во нивната неволја? {КВ 334.4}

Повторно повикале, но немало одговор, освен завивањето на бесната бура. Чамецот веќе тонел. Уште еден момент и изгледало дека ќе го проголтаат гладните води. {КВ 334.5}

Одеднаш еден блесок на молња ја пробил темнината и тие го здогледале Исуса како спие, невознемирен од бучавата. Зачудени и очајни, тие повикале: „Учителу, зар тебе не ти е грижа што гинеме?“ Како може толку мирно да одмора, додека тие се во опасност, и се борат со смртта? {КВ 334.6}

Нивниот повик го разбудил Исуса. Кога го осветлила молњата, тие здогледале небесен мир на Неговото лице; во Неговиот поглед читале несебична, нежна љубов, па нивните срца се обратиле кон Него извикувајќи: „Господе, спаси не, загинуваме”. {КВ 335.1}

Никогаш ниту една душа не го извикала тоа, а да не била услишена. Кога учениците се фатиле за веслата да го вложат последниот напор, Исус станал. Стоел сред Своите ученици и додека бурата беснеела, додека брановите удирале во нив, додека водата беснеела, додека молњите го осветлувале Неговото лице, Тој ја подигнал Својата рака, како што често правел во Своите дела на милост и му рекол на разбранетото езеро: „Молкни, престани”. {КВ 335.2}

Бурата престанала. Големите бранови се смириле. Исчезнале облаците и повторно блеснале ѕвездите. Чамецот почивал врз мирното езеро. Тогаш, вртејќи се кон Своите ученици, Исус тажно запрашал: „Зошто толку се плашите? Како немате вера?“ (Марко 4:40) {КВ 335.3}

Учениците молчеле. Дури и Петар не се обидувал да ја изрази страхопочитта која ја исполнувала неговото срце. Чамците што го следеле Исуса се наоѓале во иста опасност како и чамецот на учениците. Луѓето што се наоѓале во нив биле обземени од ужас и очај. Жестоката бура ги приближила чамците еден до друг, така што сите од нив го виделе чудото. Меѓутоа, во мирот што настанал, тие заборавиле на стравот. Луѓето си шепотеле еден на друг: „Кој е Овој што и ветерот и морето го слушаат?“ {КВ 335.4}

Кога Исус се разбудил да се соочи со бурата, бил совршено мирен. Во Неговите зборови и Неговиот изглед немало ни трага од страв, бидејќи во Неговото срце немало страв. Меѓутоа, Тој не почивал заради тоа што поседувал семоќна сила. Не бил спокоен заради тоа што бил „Господар на Земјата, морето и небото”. Тој се откажал од таа сила, велејќи „Јас не можам да правам ништо Сам од Себе”. (Јован 5:30) Тој имал доверба во Татковата моќ. Мирот му го давала верата во Божјата љубов и грижа и силата на тие зборови што ја смириле бурата била Божјата сила. {КВ 336.1}

Како што Исус почивал преку вера во Татковата грижа, така и ние треба да почиваме во грижата на нашиот Спасител. Ако учениците имале доверба во Него, би го сочувале мирот. Нивниот страв во моментот на опасност го открил нивното неверие. Обидувајќи се да се спасат себеси, заборавиле на Исуса; Тој можел да им помогне дури тогаш, кога гледајќи ја својата немоќ, му се обратиле Нему. {КВ 336.2}

Колку често и ние поминуваме низ искуството на учениците! Кога ќе се најдеме во бурата на искушенијата, кога молњите блескаат и брановите преминуваат преку нас, ние се бориме сами со бурата, заборавајќи дека постои Еден, Кој може да ни помогне. Се надеваме во сопствената сила, сè додека не ја изгубиме надежта и се најдеме на работ на пропаста. Тогаш се сеќаваме на Исуса и ако го повикаме да не спаси, нема да повикаме напразно. Иако тажно не укорува поради нашето неверие и самодоверба, Тој никогаш не ни ја скратува помошта што ни е потребна. Без разлика дали сме на копно или море, не треба да се плашиме, ако го имаме Спасителот во своето срце. Живата вера во Откупителот ќе го смири морето на животот и ќе не ослободи од опасноста на начин што Тој го смета за најдобар. {КВ 336.3}

Во чудото на смирување на бурата се наоѓа уште една духовна поука. Искуството на секој човек сведочи за вистинитоста на библиските зборови: „А безбожниците се слични на разбрането море што не може да се смири... Нема мир за грешниците, вели мојот Бог”. (Исаија 57:20,21) Гревот го уништил нашиот мир. Додека не го потчиниме сопственото ,,јас“, не можеме да најдеме мир. Со никаква човечка сила не можат да се потчинат силните страсти на срцето. Во тој поглед ние сме исто толку немоќни, како учениците на разбранетото море. Меѓутоа, Оној, Кој ги смирил брановите на Галилејското Езеро има зборови на мир за секоја душа. Колку и да е страшна бурата, оние кои ќе му се обратат на Исуса со извик: „Господе, спаси не“ ќе бидат спасени. Неговата благодат, која ја помирува душата со Бога, ја смирува бурата на човечките страсти и срцето станува спокојно во Неговата љубов. „Тој ја смирува бурата и брановите нејзини стивнуваат. Тие се развеселија зашто стивнаа и Тој ги поведе во нивното посакувано пристаниште”. (Псалм 107:29,30) „Оправдани со вера, ние сме во мир со Бога преку нашиот Господ Исус Христос”. „Мирот ќе биде дело на правдата, а плодот на праведноста траен покој и надевање”. (Римјаните 5:1; Исаија 32:17) {КВ 336.4}

Рано изутрината Спасителот и Неговите следбеници стигнале до брегот, додека светлината на сонцето што се раѓало ги осветлувало езерото и земјата, како да ги благословува со мир. Меѓутоа, само што стапнале на брегот, здогледале сцена поужасна од свирепата бура. Од некое свое засолниште меѓу гробовите, на нив тргнале двајца бесни луѓе кои, како да сакале да ги растргнат на парчиња. На тие луѓе виселе делови од синџири што ги скинале, бегајќи од затвор. Телото им било со рани и крварело на местата каде што тие се расекле со остри камења. Очите им светеле под долгата разбушавена коса и изгледало дека демоните од кои биле опседнати го избришале во нив човечкиот лик, така што повеќе прилегале на диви sверови, отколку на луѓе. {КВ 337.1}

Учениците и нивните сопатници побегнале со ужас, но веднаш забележале дека Исус не е со нив, па се свртеле да го побараат. Тој стоел на местото каде што тие го оставиле. Оној, Кој ја смирил бурата, Кој претходно се соочил со сатаната и го победил, не побегнал од овие демони. Кога тие луѓе, чкртајќи со забите и со пена на устата се приближиле кон Исуса, Тој ја подигнал раката која ги смирила брановите и тие не биле во состојба да дојдат поблиску. Стоеле пред Него бесни, но немоќни. {КВ 337.2}

Со авторитет Тој им наредил на злите духови да излезат од нив. Неговите зборови продреле во помрачениот ум на несреќните луѓе. Нејасно чувствувале дека е близу Оној, Кој може да ги спаси од демоните што ги мачеле. Тие паднале пред нозете на Спасителот и му се поклониле, но, кога ги отвориле усните за да замолат за милост, преку нив проговориле демоните, викајќи: „Што сакаш од мене, Исусе, Сине на Севишниот Бог? Те молам, не мачи ме”. {КВ 337.3}

Исус прашал: „Како се викаш? Одговорот гласел: „Името ми е Легион, зашто не има многу”. Користејќи ги измачените луѓе како медиуми, демоните го молеле Исуса да не ги протерува од тој крај. На падините на планината, недалеку од нив пасело големо стадо свињи. Демоните замолиле да влезат во нив и Исус им дозволил. Веднаш паника го обзела стадото. Свињите во бес потрчале кон стрмнината, па немоќни да запрат на брегот, се фрлиле во езерото и се удавиле. {КВ 338.1}

Во меѓувреме, врз опседнатите со демони се извршила чудесна промена. Светлина го осветлила нивниот ум. Очите им зрачеле со интелигенција. Нивниот лик, кој толку долго го носел на себе печатот на сатаната, одеднаш станал благ, раскрварените раце биле мирни и тие со радосен глас го славеле Бога за своето избавување. {КВ 338.2}

Свињарите гледале од ритчето сè што се случило, па побрзале да ја јават веста на своите работодавачи и на сиот народ. Целото население потрчало кон Исуса со страв и чудење. Двајцата опседнати од демони биле страв и трепет за целата околина. Никој не бил сигурен поминувајќи покрај местата каде што се наоѓале тие, бидејќи тие со демонски бес го напаѓале секој минувач. Сега тие луѓе, облечени и при полна свест, седеле покрај Исусовите нозе, слушајќи ги Неговите зборови и славејќи го името на Оној, Кој ги исцелил. Меѓутоа, луѓето што ја гледале таа чудесна сцена, не се радувале. Загубата на свињите за нив била од поголемо значење, отколку избавувањето на овие заробеници на сатаната. {КВ 338.3}

Исус од милост дозволил сопствениците на свињите да ја претрпат таа загуба. Тие биле целосно обземени од земните интереси и не се грижеле за големите интереси на духовниот живот. Исус сакал да го раскине влијанието на себичната рамнодушност, за да ја примат Неговата благодат. Меѓутоа, жалењето и лутината поради земната загуба ги заслепила нивните очи за Спасителовата милост. {КВ 338.4}

Ова манифестирање на натприродна сила предизвикало суеверие и страв кај народот. Луѓето стравувале овој туѓинец да не предизвика кај нив и други несреќи. Се плашеле од финансиска пропаст и одлучиле да се ослободат од Неговото присуство. Оние што со Исуса преминале преку езерото, им раскажувале што им се случило претходната ноќ, за нивната опасност во бурата и за тоа како Исус ги смирил ветрот и езерото. Но, нивните зборови останале безуспешни. Луѓето во страв тргнале кон Исуса и го молеле да замине и Тој се согласил, Влегувајќи веднаш во чамецот и упатувајќи се кон спротивниот брег. {КВ 339.1}

Жителите од Гергеса имале пред себе жив доказ за Христовата сила и милост. Виделе луѓе на кои им бил вратен разумот; но толку се плашеле да не ги стават во опасност нивните земни интереси, што го сметале за несакан гостин Оној, Кој пред нив го победил кнезот на темнината и небесниот Дар се одвратил од нив. Ние немаме можност како нив да се одвратиме од Христа лично во тело, но сè уште постојат многумина што не сакаат да се покорат на Неговата Реч, бидејќи заради послушноста би требало да се откажат од некој земен интерес. Многумина ја отфрлаат Неговата благодат и го отфрлаат неговиот Дух, за да не претрпат некоја парична загуба заради Неговото присуство. {КВ 339.2}

Сосема поинакво чувство имале луѓето опседнати од демоните. Тие сакале да останат во друштвото на својот Ослободител. Во Негово присуство се чувствувале сигурни од демоните што ги мачеле нивните животи и ги уништиле нивните најдобри години. Кога Исус се подготвувал да влезе во чамецот, тие му пристапиле, клекнале покрај Неговите нозе и го замолиле да останат засекогаш покрај Него, за да можат да ги слушаат Неговите зборови. Но Исус им заповедал да си одат дома и да раскажат колку големи нешта Господ направил за нив. {КВ 339.3}

Тие требало да извршат едно дело да се вратат во своите незнабожечки домови и да кажат за благословот што го примиле од Исуса. Им било тешко да се одвојат од Спасителот. Ги очекувале големи неволји во дружењето со своите сонародници незнабошци. Изгледало дека поради нивната долга одвоеност од општеството станале неспособни да го извршат делото што Тој им го доверил. Но биле подготвени да послушаат штом Исус им ја одредил нивната должност. Тие зборувале за Него не само на своите семејства и соседи, туку се упатиле низ цел Декаполис, насекаде објавувајќи ја Неговата спасоносна сила и опишувајќи како Тој ги ослободил од демоните. Извршувајќи го ова дело, можеле да примат поголем благослов, отколку заради лична корист да останеле во Неговото присуство. Кога работиме на ширење на добрата вест за спасението, ние се приближуваме кон Спасителот. {КВ 339.4}

Овие двајца обновени луѓе биле првите мисионери што Христос ги испратил да го проповедаат евангелието во подрачјето на Декаполис. Тие луѓе имале привилегија само неколку моменти да ги слушаат Неговите поучувања. До нивните уши не допрела ниту една единствена проповед од Неговите усни. Не можеле да го поучуваат народот како учениците кои секој ден биле со Христа. Но, тие сведочеле со својата личност дека Исус е Месијата. Можеле да го раскажуваат она што го знаат, она што сами го виделе и чуле и како ја искусиле Христовата сила. Тоа може да го направи секој чие срце е допрено од Божјата благодат. Јован, возљубениот ученик, напишал: „Она што беше од почетокот, што го чувме, што го видовме со свои очи, што го гледавме и што го опипаа нашите раце, за Речта на животот... она што го видовме и чувме, тоа ви го објавуваме и вам”. (1. Јованово 1:1-3) Како сведоци за Христа треба да го зборуваме она што го знаеме, она што сами сме го виделе, слушнале и почувствувале. Доколку сме го следеле

Исуса чекор по чекор, секогаш ќе имаме нешто одредено да кажеме за патот по кој не водел. Можеме да зборуваме како сме ги искусипе Неговите ветувања и сме констатирале дека се вистинити. Можеме да сведочиме дека сме ја искусиле Христовата благодат. Тоа е сведоштво на кое не повикува нашиот Господ и поради чиј недостаток светот пропаѓа. {КВ 340.1}

Иако Гергесанците не го примиле Исуса, Тој не ги оставил во темнината што ја избрале. Кога тие побарале од Него да ги напушти, тие не ги слушнале Неговите зборови. Не знаеле што отфрлаат. Затоа повторно им испратил светлина и тоа преку оние, кои тие нема да одбијат да ги слушаат. {КВ 340.2}

Со уништување на свињите, сатаната имал намера да ги одврати луѓето од Спасителот и да го спречи проповедањето на евангелието во таа област. Но токму тој настан предизвикал поголем интерес во целата земја, отколку што тоа би го направил некој друг настан и би го свртел вниманието кон Христа. Иако Спасителот заминал, луѓето што ги излекувал останале како сведоци за Неговата сила. Оние кои биле медиуми на кнезот на темнината, станале канали на светлината, гласници на Божјиот Син. Луѓето со воодушевување ги слушале чудесните вести. Низ целата област се отворила вратата за евангелието. Кога Исус се вратил во Декаполис, народот се собирал околу Него, па не само жителите на еден град, туку и илјадници од околните места три дена ја слушале веста на спасението. Дури и силата на демоните се наоѓа под власта на нашиот Спасител, па делувањето на злото се свртело на добро. {КВ 340.3}

Средбата со луѓето опседнати од демони во Гергеса содржела поука за учениците. Тука се покажала сета длабочина на деградацијата во која сатаната копнее да го фрли сиот човечки род и Христовата мисија во ослободувањето на луѓето од неговата сила. Тие мизерни суштества што живееле по гробиштата, обземени од демони, робувајќи на неконтролираните страсти и гнасните похоти, покажуваат што би било со човечкиот род, кога би бил препуштен на контрола на сатаната. Сатаната постојано врши влијание врз луѓето за да го одвлече вниманието на сетилата, да завладее со умот за зло и да поттикне на насилство и злосторство. Тој го слабее телото, го замрачува умот и ја понижува душата. Кога го отфрлаат повикот на Спасителот, луѓето се препуштаат себеси на сатаната. Тоа денес го прават многумина во сите животни околности, во домот, деловниот живот, па дури и во црквата. Затоа насилството и злосторството ја поплавуваат Земјата и моралната темнина ги покрива човечките живеалишта, како смртна прекривка. Преку своите разни искушенија, сатаната ги наведува луѓето од лоши во полоши зла, сè додека целосно не ги изопачи и упропасти. Единствена безбедност против неговата сила може да се најде во Исусовото присуство. Сатаната и пред луѓето и пред ангелите е разоткриен како човеков непријател и уништувач, а Христос како Пријател на човекот и Негов Избавител. Неговиот Дух ќе развие во човекот сè што го облагородува карактерот и ја воздига природата. Тој во телото, душата и духот ќе изгради човек за Божја слава. „Зашто, Бог не ни даде плашлив дух, туку дух на сила, на љубов и трезвеност". (2. Тимотеј 1:7) Тој не повикал „да ја придобиеме славата" карактерот „на нашиот Господ Исус Христос" не повикал да се „сообразиме со ликот на Неговиот Син". (2. Солунјаните 2:14; Римјаните 8:29) {КВ 341.1}

Душите што биле деградирани толку ниско што станале орудие на сатаната, сè уште со Христова сила се преобразуваат во гласници на праведноста и се испратени од страна на Божјиот Син за да кажат колку „големи нешта Господ стори за тебе и како ти се смилува". {КВ 341.2}

36. ДОПИРОТ НА ВЕРАТА

Оваа поглавје е засновано на Матеј 9:18-26; Марко 5:21-43; Лука 8:40-56.

Враќајќи се од Гергеса на западниот брег, Исус сретнал мноштво народ што дошол да го пречека и тие радосно го поздравиле. Тој останал извесен период на брегот, учејќи и лекувајќи, а потоа се упатил во домот на Левиј-Матеј, за да се сретне со цариниците на гозбата. Тука Јаир, старешината на синагогата, го нашол Христа. {КВ 342.1}

Овој еврејски старешина дошол кај Исуса во голема неволја и фрлајќи му се пред нозете, тој извикал: „Мојата ќеркичка е на умирање; те молам дојди и положи ги рацете на неа, за да оздрави и да живее". {КВ 342.2}

Исус веднаш тргнал со него во неговиот дом. Иако виделе многу од Неговите дела на милост, учениците биле изненадени што одговорил на молбата на горделивиот рабин. Сепак, тие тргнале по својот Учител, а по нив одел народот, возбуден и полн со очекување. {КВ 342.3}

Куќата на старешината не била далеку, но Исус и Неговите придружници напредувале полека, бидејќи толпата го притискала од сите страни. Загрижениот татко бил нетрпелив поради тоа, но Исус од сочувство кон луѓето, запирал од време на време за да ублажи нечии страдања или да утеши нечие вознемирено срце. {КВ 342.4}

Додека тие така оделе, еден гласник се пробил низ мноштвото и му донел вест на Јаир дека неговата ќерка умрела и дека е бесполезно да го оптоварува Учителот понатаму. Тоа допрело до увото на Исус. „Не плаши се," рекол Тој, „само верувај и ќе биде спасена". {КВ 342.5}

Јаир уште повеќе се доближил до Спасителот и заедно побрзале кон неговиот дом. Таму веќе биле оплакувачите наемници и свирачите на флејта, кои го исполнувале воздухот со врева. Присуството на мноштвото и буката непријатно влијаеле на Исусовиот дух. Тој се обидел да ги смири, велејќи: „Зошто викате и плачете? Девојчето не е умрено, туку спие". Присутните биле разлутени од зборовите на овој Странец. Виделе дека детето е во прегратка на смртта, па му се потсмевале. Наредувајќи им на присутните да излезат од куќата, Исус ги повел со Себе таткото и мајката на девојчето и тројца ученици Петар, Јаков и Јован и заедно влегле во одајата на смртта. {КВ 343.1}

Исус се доближил до постелата и земајќи ја раката на девојчето во Својата, нежно, со вообичаениот јазик на нејзиниот дом, ги изговорил зборовите: „Девојче, Јас ти зборувам, стани". {КВ 343.2}

Истиот момент безживотното тело затреперило. Пулсот на животот почнал повторно да чука. На усните се покажала насмевка. Очите широко се отвориле, како да се будат од сон и девојчето зачудено ја набљудувало групата покрај постелата. Потоа станала, а нејзините родители ја прегрнале, плачејќи од радост. {КВ 343.3}

На патот кон Јаировиот дом, Исус во мноштвото сретнал една несреќна жена, која дванаесет години страдала од болест што и го загорчувала животот. Сè што имала потрошила на лекари и лекови, само за да и биде кажано дека болеста е неизлечлива. Меѓутоа, во неа оживеала надежта, кога слушнала како Христос лекува. Била убедена дека ќе се излекува само ако може да дојде до Него. Толку слаба и болна, дошла на брегот каде што Тој поучувал и се обидувала да се протурка низ мноштвото, но напразно. Одела по Него до куќата на Левиј-Матеј, а Сепак не можела да допре до Него.

Почнала да очајува. Тогаш Исус, пробивајќи се низ мноштвото, се приближил на местото на кое се наоѓала таа. {КВ 343.4}

Златната прилика дошла. Била во присуство на Големиот Лекар! Меѓутоа, во оној метеж не можела да му се обрати Нему, ниту пак да ја здогледа Неговата става повеќе од еден момент. Стравувајќи дека ќе ја загуби единствената можност за оздравување, таа се туркала нанапред, зборувајќи си сама на себе: „Ако само ја допрам Неговата облека, ќе бидам исцелена". Додека Исус поминувал, таа ја испружила раката и одвај се допрела до работ на Неговата облека. Во тој момент знаела дека е излекувана. Во тој единствен допир била сосредоточена верата на нејзиниот живот и во истиот момент болката и слабоста и отстапиле место на силата и совршеното здравје. {КВ 343.5}

Со благодарно срце таа се обидела да се повлече од мноштвото, но Исус одненадеж застанал, како и народот со Него. Се свртел и погледнувајќи околу Себе, запрашал со глас кој јасно се слушнал низ џагорот на мноштвото: „Кој ме допре?" Народот одговорил на ова прашање со вчудовидувачки поглед. Со оглед дека Исус бил притиснат со народ од сите страни, тоа прашање звучело чудно. {КВ 344.1}

Петар, кој секогаш бил подготвен да зборува, рекол: „Учителу, мноштво народ те турка и те притиска, а Ти прашуваш, кој ме допре?" Исус одговорил: „Некој Ме допре, зашто почувствував како од Мене излезе сила". Спасителот го разликувал допирот на верата од случајниот допир на невнимателното мноштво. Ваквата доверба не смее да остане незабележана. Тој сакал на оваа понизна жена да и упати зборови на утеха, кои за неа ќе бидат извор на радост зборови што ќе бидат благослов за Неговите следбеници до крајот на времето. {КВ 344.2}

Насочувајќи го погледот кон жената, Тој инсистирал да знае кој го допрел. Увидувајќи дека притајувањето е напразно, таа, тресејќи се, излегла напред и се фрлила пред Неговите нозе. Со солзи на благодарност, таа ги раскажала своите страдања и како пронашла олеснување. Исус благо и рекол: „Ќерко, не плаши се; верата твоја те спаси; оди си со мир". Тој не дал можност за суеверие дека самиот допир од Неговата облека донесува исцелување. Исцелувањето не Доаѓа преку надворешниот допир со Него, туку преку верата, која цврсто се држи за Неговата божествена сила. {КВ 344.3}

Љубопитното мноштво што блиску се притискало до Христа не примило животодавна сила. Меѓутоа, кога жената страдалничка ја испружила раката да го допре, верувајќи дека ќе се излекува, таа ја почувствувала силата на исцелувањето. Така е и во духовен поглед. Да се зборува за верата површно, да се моли без душевен глад и жива вера не вреди ништо. Формалната вера во Христа, која го прима само како Спасител на светот, никогаш не може да и донесе оздравување на душата. Верата, која води кон спасение, не се состои само во интелектуално спознавање на вистината. Оној што сака сè да дознае за да верува, не може да прими Божји благослов. Не е доволно да се верува за Христа; ние мораме да веруваме во Него. Единствена вера која ни користи е верата која го прима како личен Спасител, која ги присвојува Неговите заслуги. Многумина сметаат дека верата е начин на размислување. Спасоносната вера е трансакција преку која оние кои го примаат Христа, стапуваат во заветен однос со Бога. Вистинската вера е живот. Живата вера тоа е зголемување на животната сила, тоа е доверба со помош на која душата станува победоносна сила. {КВ 347.1}

Бидејќи ја излекувал жената, Исус сакал таа да изрази признавање за благословот што го примила. Даровите што ги нуди евангелието не треба да се примаат крадешкум, ниту да се уживаат тајно. Така Господ не повикува да ја посведочиме Неговата добрина. „Вие сте ми сведоци, вели Господ, дека јас сум Бог". (Исаија 43:12) {КВ 347.2}

Нашето признавање на Неговата верност е избрано небесно средство за откривање на Христа на светот. Ние треба да ја признаеме Неговата благодат, која ја објавиле светите луѓе во минатото, но најголемо влијание има сведоштвото на нашето лично искуство. Ние сме Божји сведоци, кога го откриваме во нас делувањето на божествената сила. Животот на секој поединец се разликува од животот на останатите, па и неговите искуства суштински се разликуваат од останатите. Бог сака благодарноста која му ја упатуваме да носи обележје на нашата личност. Тие драгоцени признавања за пофалба на славата на Неговата благодат, поддржани со христијанскиот живот, имаат неодолива сила што делува во насока на спасување на душите. {КВ 347.3}

Кога десетте лепрозни дошле кај Исуса за да ги излекува, Тој им рекол да одат и да се покажат на свештеникот. Тие попатно се очистиле, но само еден од нив се вратил да му оддаде Нему слава. Останатите заминале по својот пат, заборавајќи го Оној, Кој ги излекувал. Колкумина сè уште постапуваат така! Господ работи постојано во полза на човештвото. Тој постојано ги дели Своите великодушни благослови. Тој ги подига болните од постелите на изнемоштеност, ги избавува луѓето од опасностите што тие не ги гледаат, им дава должности на небесните ангели да ги спасуваат од несреќи, да ги заштитат од „поморот што се притајува во мрак“ и од „погибелта што пусти на пладне”. (Псалм 91:6); но, нивните срца се рамнодушни. Тој ги дал сите богатства на Небото за да ги откупи, а тие ја забораваат Неговата голема љубов. Поради својата неблагодарност, тие ги затвораат своите срца за Божјата благодат. Како троскот во пустината, тие не знаат кога ќе дојде доброто и нивните души населуваат суви места во пустината. {КВ 348.1}

За наше сопствено добро е живо да си спомнуваме за секој Божји дар. На тој начин верата добива сила сè повеќе да бара и да добива. Најмалиот благослов кој го примаме од Бога, за нас претставува поголемо охрабрување од сè она што читаме за верата и доживувањата на другите. Душата што се одзива на Божјата благодат, прилега на залеана градина. Нејзиното здравје брзо извира, нејзината светлина блеска во темнината, а Господовата слава се одразува во неа. Да се сеќаваме на Господовата добрина и љубов и на многукратната Негова нежна милост. Како Израелците и ние треба да подигнеме наши камења на сведоштва и на нив да ја запишеме драгоцената сторија за она што Бог го направил за нас. И кога размислуваме за Неговото постапување кон нас на нашето патување низ животот, треба од нашите срца, кои се омекнати со благодарност, да кажеме: „Што да му вратам на Господа за сè што ми стори? Ќе ја земам чашата на спасението и ќе го повикам името Господово. Ќе му ги исполнам заветите на Господа пред целиот Негов народ”. (Псалм 116:12-14) {КВ 348.2}

37. ПРВИТЕ ЕВАНГЕЛИСТИ

Оваа поглавје е засновано на Матеј 10; Марко 6:7-11; Лука 9:1-6.

Апостолите биле членови на семејството на Исус и го придружувале пеш на Неговиот пат низ Галилеја. Со Него ги делеле тешкотиите и неволјите што ги снаоѓале. Ги слушале Неговите беседи, оделе и разговарале со Божјиот Син и од Неговите секојдневни поуки учеле како да работат на издигнување на човештвото. Кога Исус му служел на мноштвото што се собирало околу Него, Неговите ученици биле присутни, желни да го извршат она што Тој ќе им го заповеда и да ја олеснат Неговата работа. Тие

му помагале при организирање на луѓето, донесувајќи ги болните при Спасителот и грижејќи се на сите да им биде удобно. Тие се труделе да ги забележат слушателите што се интересираат, им го објаснувале Светото Писмо и на различни начини се залагале за нивниот духовен напредок. Го ширеле учењето што го примиле од Исуса и секојдневно стекнувале богати искуства. Но, нив исто така им било потребно и искуство да работат сами. Ним сè уште им биле потребни многу поуки, големо трпение и нежност. Сега, додека Тој бил со нив за да им укаже на нивните грешки, за да може да ги советува и поправа, Спасителот ги испратил како Свои претставници. {КВ 349.1}

Додека биле со Него, учениците често биле збунети заради учењата на свештениците и фарисеите, но во своите недоумици тие Доаѓале кај Исуса. Тој им ги изнесувал вистините на Светото Писмо наспроти традициите. На тој начин ја зајакнувал нивната доверба во Божјата Реч и во голема мера ги ослободувал од нивниот страв од рабините и од нивното ропство на традициите. Во обучувањето на учениците, примерот на Спасителовиот живот бил многу поефективен од кое било доктринарно поучување само по себе. Кога биле одвоени од Него, се сеќавале на секој Негов поглед, глас и збор. Кога Доаѓале во судир со непријателите на евангелието, тие често ги повторувале Неговите зборови и биле многу радосни, гледајќи дека тие имаат влијание на народот. {КВ 349.2}

Исус ги повикал дванаесетминатa кај Себе и им рекол по двајца да одат низ градовите и селата. Ниеден не бил испратен сам, туку брат бил поврзан со брат, пријател со пријател. Така, можеле меѓусебно да си помагаат и да се храбрат, да се советуваат и молат, надополнувајќи ја слабоста на едниот со силата на другиот. На истиот начин Исус подоцна испратил седумдесет ученици. Целта на Спасителот била гласниците на евангелието да бидат здружени на ваков начин. Во наше време евангелското дело би било далеку поуспешно, кога би се угледале на тој пример. {КВ 350.1}

Пораката на учениците била иста како и пораката на Јован Крстителот и на Самиот Исус: „Се приближи царството небесно”. Тие не требало да влезат во судир со луѓето околу тоа дали Исус е Месија, туку во Негово име требало да ги вршат истите оние дела на милост кои Тој ги вршел. Тој им рекол: „болни лекувајте, лепрозни чистете, мртви воскреснувајте, истерувајте лоши духови; бесплатно добивте, бесплатно давајте”. {КВ 350.2}

За време на Својата служба, Исус поминувал повеќе време во лекување на болните отколку во проповедање. Неговите чуда сведочеле за вистинитоста на Неговите зборови дека не дошол да уништува, туку да спасува. Неговата праведност одела пред Него, а Господовата слава била Негова стража одзади. Каде и да одел, гласовите за Неговата милост оделе пред Него. Онаму каде што ќе поминел, оние кои биле предмет на Неговото сочувство се радувале на своето здравје и ја ставале на проба својата новостекната сила. Мноштва се собирале околу нив и од нивните усни сакале да слушнат за делата кои Господ ги извршил. Неговиот глас бил првиот звук, кој многумина некогаш го слушнале, Неговото име бил прв збор што некогаш го изговориле, Неговото лице прво, кое некогаш го виделе. Зошто тие не би го љубеле Исуса и не би му изразувале благодарност? Кога поминувал низ градовите и населбите, Тој бил како животворна струја што дава живот и радост секаде каде што одел. {КВ 350.3}

Христовите следбеници треба да работат онака како што работел Тој. Ние треба да ги храниме гладните, да ги облечеме голите, да ги утешиме страдалниците и погодените. Ние треба да им служиме на очајните, да им влееме надеж на

безнадежните. И на нас исто така ќе се исполни ветувањето: „Пред тебе ќе оди праведноста твоја и славата Господова ќе биде твоја стража одзади”. (Исаија 58:8) Христовата љубов која се манифестира во несебична служба, има поголемо дејство во реформирање на оној што чини зло, отколку мечот или судот на правдата. Тие се потребни за да се влее страв на престапниците, но само мисионер исполнет со љубов може да постигне нешто повеќе од тоа. Прекорите често го прават срцето уште потврдо, но тоа ќе омекне под дејство на Христовата љубов. Мисионерот може да ги ублажи не само телесните болести, туку може да го доведе и грешникот кај Големиот Лекар, Кој ќе му ја очисти душата од лепрата на гревот. Бог одредил преку Неговите слуги да го слушнат Неговиот глас оние што се болни, кои се во неволја и кои се под власт на зли духови. Тој сака преку Своите човечки претставници да биде Утешител каков што светот не познава. {КВ 350.4}

На својот прв мисионерски пат учениците требало да одат само „кај загубените овци на домот Израелев”. Кога тогаш би го проповедале евангелието на незнабошците или Самарјаните, би го загубиле влијанието што го имале кај Евреите. Предизвикувајќи ги предрасудите на фарисеите, тие би се вплеткале во судири кои би ги обесхрабриле на почетокот на нивната работа. Дури и апостолите тешко сфаќале дека евангелието мора да им се однесе на сите народи. Сè додека не ја сфатиле таа вистина, не биле подготвени да работат за незнабошците. Кога Евреите би го примиле евангелието, Господ имал цел да ги направи гласници до незнабошците. Затоа тие биле први кои требало да ја слушнат веста. {КВ 351.1}

На целото подрачје на Христовата работа имало души кои се разбудиле и сфатиле што им недостига, кои биле гладни и жедни за вистината. Дошло време на овие срца да им се упати порака за Неговата љубов. До сите тие луѓе учениците требало да одат како Негови претставници. На тој начин верниците во нив гледале учители кои Бог ги одредил, па кога Спасителот ќе замине од нив, тие нема да останат без инструкции. {КВ 351.2}

Учениците на своето прво патување требало да одат таму каде што Исус веќе бил пред нив и создал пријатели. Нивната подготовка за патувањето требала да биде едноставна. Ништо не смеело да го одвраќа нивниот ум од големото дело или на кој било начин да предизвика отпор и да ја затвори вратата за понатамошна работа. Тие не требало да ја прифатат облеката на верските учители, ниту пак да носат облека со која ќе се разликуваат од скромните селани. Тие не требало да влегуваат по синагогите и да го повикуваат народот на богослужение, туку само да работат од куќа до куќа. Не смееле да го губат времето во непотребни поздравувања, ниту да одат од еден до друг дом заради забава. Меѓутоа, на секое место требало да го прифатат гостопримството на оние кои биле достојни, на оние кои ги примале исто толку срдечно, како да го примале Христос. Требало да влегуваат во домовите со прекрасниот поздрав: „Мир во оваа куќа”. (Лука 10:5) Тој дом би бил благословен од нивните молитви, од нивните песни на благодарност и од нивното толкување на Светото Писмо во семејниот круг. {КВ 351.3}

Учениците требало да бидат гласници на вистината, да го подготват патот за доаѓањето на својот Учител. Пораката што тие требале да ја проповедаат била Речта на вечниот живот и судбината на луѓето зависела од тоа дали тие ќе ја прифатат или ќе ја отфрлат. За да ја истакне нејзината свеченост, Исус им заповедал на Своите ученици: „А ако некаде не ве примат или не ги послушаат вашите зборови, излезете од таа куќа или

од тој град и истресете го правот од своите нозе. Навистина ви велам, на судниот ден полесно ќе им биде на Содом и Гомор, отколку на тој град". {КВ 352.1}

Сега окото на Спасителот проникнувало во иднината. Тој ги гледал пошироките полиња во кои учениците по Неговата смрт ќе сведочат за Него. Неговиот пророчки поглед ги опфаќал искуствата на Неговите слуги низ сите векови до Неговото второ доаѓање. Им укажал на своите следбеници на судирите на кои ќе бидат изложени и им ја открил природата и планот на борбата. Им ги прикажал опасностите со кои ќе мора да се соочат, на самооткажувањето што ќе се бара од нив. Сакал да ја пресметаат цената за непријателот да не ги изненади. Тие не требало да војуваат против месото и крвта, туку „против началствата, против властите, против светските управители на темнината, против поднебесните духови на злобата". (Ефесјаните 6:12) Тие ќе мораат да се борат против натприродни сили, но им е загарантирана и натприродна помош. Во таа војска се наоѓа сета небесна интелигенција. Во нејзините редови се наоѓа и некој поголем од ангел. Светиот Дух, претставник на Заповедникот на Господовите војски, слегува за да управува со битката. Можеме да имаме многу слабости, сериозни гревови и грешки, но Божјата благодат им е ветена на сите што во покајание ја бараат. Силата на Семоќниот е со оние кои се надеваат во Бога. {КВ 352.2}

„Ете," рекол Исус, „Јас ве праќам како овци меѓу волци; затоа бидете мудри како змии и добродушни како гулаби". Христос никогаш не премолчел ниту еден збор на вистината, но секогаш го изговарал со љубов. Во комуникацијата со луѓето, Тој користел најголема тактичност, грижливост и љубезно внимание. Никогаш не бил груб, никогаш непотребно не изговорил ниту еден строг збор, никогаш не задавал непотребна болка на некоја чувствителна душа. Тој не ја укорувал човечката слабост. Бестрашно ги осудувал лицемерието, неверието и беззаконието, но овие остри укори ги изговарал со солзи во очите. Плачел над Ерусалим, градот што го сакал, кој не сакал да го прими Него Патот, Вистината и Животот. Тие го отфрлиле Него, Спасителот, но Тој ги гледал со нежно сочувство и со толку длабока тага, што срцето му се кинело. Во Неговите очи секоја душа била драгоцена. Иако секогаш се однесувал со божествено достоинство, се наведнувал со нежност над секој член на Божјото семејство. Во сите луѓе гледал паднати души, кои требало да ги спаси со Својата мисија. {КВ 353.1}

Христовите слуги не смеат да работат според диктатите на природното срце. Тие мораат да бидат во тесна врска со Бога, за да не се подигне нивното „јас" во случај на провокација и да искажат порој на зборови кои не се на свое место, кои не се како роса или како дожд што ги освежува растенијата кои овенуваат. Сатаната сака тие да го прават тоа, бидејќи тоа е негов начин на работа. Ламјата е таа што се разгневила; сатанскиот дух е оној што се открива во лутината и обвинувањето. Меѓутоа, Божјите слуги мораат да бидат Негови претставници. Тој сака тие да тргуваат само со небесна валута, со вистината која го носи Неговиот лик и натпис. Силата со која тие мораат да го победат злото е Христовата сила. Христовата слава е нивна сила. Тие мораат да ги насочат своите очи на Неговата милност. Тогаш ќе можат да го прикажат евангелието со божествена тактичност и нежност. Духот кој останува благ и кога е предизвикан, многу поделотворно ќе зборува во прилог на вистината, отколку секој друг доказ, колку и да е убедлив. {КВ 353.2}

Оние кои стапуваат во судир со непријателите на вистината, се соочуваат не само со луѓето, туку и со сатаната и неговите посредници. Тие треба да ги имаат на ум зборовите на Спасителот: „Ете Јас ве испраќам како овци меѓу волци". Нека почиваат во Божјата љубов и духот ќе им биде мирен, дури и при личните навреди. Господ ќе ги

опреми со небесно оружје. Неговиот Дух ќе влијае на умот и срцето, така што во нивните гласови нема да се почувствува завивањето на волците. {КВ 353.3}

Продолжувајќи ги Своите поуки на учениците, Исус рекол: „Пазете се од луѓето". Тие не смееле да имаат неограничена доверба во луѓето кои не знаеле за Бога, ниту да им ги објаснуваат своите планови, бидејќи со тоа би пружиле предност на сатанските помошници. Човечките изуми често работат во спротивност на Божјите планови. Оние кои sидаат Господов храм, треба да sидаат според планот прикажан на гората според божествениот пример. Ако Божјите слуги се потпираат на советот на луѓето кои не се наоѓаат под влијание на Светиот Дух, Бог е обесчестен и тоа претставува предавство на евангелието. Светската мудрост е лудост за Бога. Оние кои се надеваат во неа, сигурно ќе згрешат. {КВ 354.1}

„Тие ќе ве предаваат на судови... ќе ве изведуваат поради Мене пред управители и пред цареви за сведоштво на нив и на незнабошците". (Матеј 10:17,18) Прогонството ќе ја рашири светлината. Христовите слуги ќе бидат изведувани пред големците на овој свет, кои инаку можеби никогаш не би слушнале за евангелието. На овие луѓе вистината им била погрешно прикажана. Тие слушале лажни обвинувања за верата на Христовите ученици. Честопати, нивната единствена можност да го дознаат нејзиниот вистински карактер, се состои во тоа што често ги слушаат сведоштвата на оние кои поради својата вера се изведени пред суд. За време на испитувањето од нив се бара да одговараат, а од нивните судии да ги сослушаат нивните сведоштва. Божјата благодат ќе им биде дадена на Неговите слуги, за да се соочат со таа вонредна состојба. „Ќе ви се даде" вели Исус, „во тој час што треба да зборувате. Зашто нема да зборувате вие, туку преку вас ќе зборува Духот на вашиот Татко". Кога Божјиот Дух ќе го осветли умот на Неговите слуги, вистината ќе биде прикажана во својата божествена сила и драгоценост. Оние кои ја отфрлаат вистината, ќе се подигнат за да ги обвинуваат и угнетуваат учениците. Меѓутоа, наспроти загубите и страдањата, па дури и смртта, Господовите деца треба да ја откриваат кротоста на својот божествен Пример. Така ќе се покаже спротивноста помеѓу помошниците на сатаната и Христовите претставници. Спасителот ќе биде издигнат пред владетелите и пред народот. {КВ 354.2}

Учениците не биле надарени со храброст и цврстина на маченици, сè додека таквата благодат не им била потребна. Тогаш се исполнило ветувањето на Спасителот. Кога Петар и Јован сведочеле пред Синедрионот, луѓето „се восхитуваа, и сфатија дека тие беа со Исуса". (Дела 4:13) За Стефан е напишано дека „сите што седеа во советот го насочија погледот кон него и видоа дека лицето му е слично на лице на ангел". Луѓето „не можеле да им се спротивстават на мудроста и на Духот со кој зборуваше". (Дела 6:15,10) А Павле, опишувајќи ги своите доживувања на судот пред Цезар, вели: „При мојата прва одбрана никој немаше при мене, уште повеќе, сите ме напуштија... Но Господ беше со мене и ме крепеше за преку мене веста да биде целосно објавена и за да слушнат сите незнабошци; и јас бев избавен од устата на лавот". (2. Тимотеј 4:16,17) {КВ 354.3}

Христовите слуги не требало однапред да подготвуваат говори што ќе ги изнесат, кога ќе бидат изнесени пред суд. Нивната подготовка се состоела во секојдневно трудољубиво складирање на драгоцените вистини на Божјата Реч и во молитва што ја зајакнува нивната вера. И кога биле изведени пред суд, Светиот Дух им помогнал да се сетат на оние вистини што им биле потребни. {КВ 355.1}

Секојдневните и срдечни напори да се запознае Бог и Исус Христос, Кого Тој го испратил, донесуваат сила и делотворност на душата. Знаењето стекнато со

трудољубиво истражување на Светото Писмо ќе блесне во сеќавањето во вистинскиот момент. Меѓутоа, оние кои занемариле да се запознаат со Христовите зборови, кои никогаш не ја искусиле силата на Неговата благодат во време на неволја, не можат да очекуваат дека Светиот Дух ќе ги донесе Неговите зборови во нивното сеќавање. Тие треба да му служат на Бога секојдневно со неподелена љубов и тогаш можат да се надеваат во Него. {КВ 355.2}

Непријателството кон евангелието ќе биде толку огорчено, што ќе бидат запоставени дури и најнежните земни врски. Христовите ученици ќе бидат предадени на смрт од членовите на нивните сопствени семејства. „Ќе бидете намразени од сите заради Моето име“ додал Тој, „но оној што ќе истрае до крајот, ќе биде спасен”. (Марко 13:13) Но, тој им рекол да не се изложуваат непотребно на прогонство. И Тој сам често напуштал едно поле на работа и заминувал на друго, за да ги избегне оние кои го барале Неговиот живот. Кога бил отфрлен во Назарет и Неговите сопствени сограѓани се обиделе да го убијат, Тој заминал за Капернаум, и таму луѓето биле восхитени од Неговите учења; „затоа што Неговата Реч беше со сила”. (Лука 4:32) Така Неговите слуги не треба да ја губат храброста поради прогонството, туку да бараат место, каде што сè уште ќе можат да работат за спасение на душите. {КВ 355.3}

Слугата не е поголем од својот господар. Кнезот на Небото бил наречен Велзевул, па и Неговите ученици исто така ќе бидат погрешно прикажани. Но, без оглед на опасностите, Христовите следбеници мораат да се придржуваат до своите начела. Тие мораат да го презираат прикривањето. Тие не можат да чекаат прво да се обезбедат од опасноста, па потоа да ја исповедаат вистината. Тие се поставени како стражари да ги предупредат луѓето на нивните опасности. Вистината примена од Христа мора да им се соопшти на сите, слободно и отворено. Исус рекол: „Тоа што ви го зборувам во темнина, кажете го на светлина; и тоа што го слушате во увото, проповедајте го од покривите”. {КВ 355.4}

Исус никогаш не го купувал мирот по пат на компромис. Неговото срце било преполно со љубов кон целиот човечки род, но Тој никогаш не бил попустлив кон нивните гревови. Тој им бил премногу голем пријател за да молчи, кога тие оделе по пат што ќе ги упропасти нивните души, души кои Тој ги откупил со Својата крв. Тој работел на тоа човекот да биде искрен со себе, на својот возвишен и вечен интерес. Христовите слуги се повикани на истото тоа дело и мораат да внимаваат да не се откажат од вистината во настојување да спречат неслога. Тие треба да го бараат „она што служи за мир“ (Римјаните 14:19); но вистинскиот мир никогаш не може да се постигне преку компромис на начелата. Исто така, никој не може да биде верен на начелото, а да не наиде на спротивставување. Децата на непокорноста се противат на христијанството кое е духовно. Меѓутоа, Исус им рекол на Своите ученици: „Не плашете се од оние што го убиваат телото, а не можат да ја убијат душата”. Оние што му се верни на Бога не треба да се плашат од човечката моќ, ниту од сатанското непријателство. Нивниот вечен живот е безбеден во Христа. Тие треба да се плашат од тоа да не се откажат од вистината и на тој начин да ја предадат довербата со која Бог ги почестил. {КВ 356.1}

Сатаната се труди човечките срца да ги исполни со сомнеж. Тој ги наведува да гледаат кон Бога како на строг судија. Тој ги искушува на грев, а потоа ги поттикнува на заклучок дека се премногу зли за да можат да се приближат на својот небесен Татко или за да го поттикнат Неговото сожалување. Господ го разбира сето тоа. Исус ги уверува Своите ученици за Божјото сочувство за нив во нивните потреби и слабости.

Ниту една воздишка не се слуша, ниту една болка не се чувствува, ниту една тага не ја прободува душата, а болката да не допре до Татковото срце. {КВ 356.2}

Библијата не ни го прикажува Бога на Неговото возвишено и свето место во состојба на неактивност, молчење и осаменост, туку опкружен од десет илјади по десет илјади и со илјада илјади свети суштества кои чекаат да ја вршат Неговата волја. Преку каналите што ние не ги забележуваме, Тој е во активна комуникација со секој дел од Своето царство. Меѓутоа, Неговото внимание и интересот на целото Небо е сконцентрирано на овој малечок свет, на душите заради чие спасение го дал Својот единороден Син. Бог се наведнува од Својот престол, за да го слушне плачот на угнетените. Секому што искрено се моли, Тој му одговара: „Еве ме". Тој ги подига оние кои се во неволја и угнетените. Сите наши страдања го погодуваат и Него. Во секое искушение и во секоја неволја Ангелот на Неговата присутност е близу за да избави. {КВ 356.3}

Ниту еден врабец не паѓа на земјата, а Таткото да не го види тоа. Омразата против Бога го наведува сатаната да го мрази сето она за што Спасителот се грижи. Тој се обидува да го наруши Божјото дело и ужива кога ги уништува дури и немите созданија. Благодарение единствено на Божјата заштита птиците се сочувани за да не развеселуваат со својата радосна песна. „Не плашете се; вие вредите повеќе од многу врапчиња". {КВ 356.4}

Исус понатаму вели: „Како што Ме признавате вие Мене пред луѓето, така Јас ќе ве признам пред Бога и светите ангели. Вие треба да бидете Мои сведоци на Земјата, канали преку кои Мојата благодат ќе се излева за исцелување на светот. Така Јас ќе бидам ваш претставник на Небото. Таткото не го гледа вашиот грешен карактер, туку ве гледа облечени во Моето совршенство. Јас сум посредник преку Кој ви доаѓаат небесните благослови. Секој што ќе ме признае Мене, учествувајќи во Мојата жртва за изгубените, ќе биде признаен како учесник во славата и радоста на откупените". {КВ 357.1}

Христос мора да престојува во секој што сака да го признае. Никој не може да го даде она што не го примил. Учениците можат течно да зборуваат за науката, тие можат да ги повторуваат самите Христови зборови, но ако ја немаат Христовата кротост и љубов тие не го признаваат. Духот спротивен на Христовиот дух се одрекува од Христа, без разлика на верата што ја исповеда. Луѓето можат да се одречат од Христа со тоа што озборуваат други, што зборуваат лекомислено, што зборуваат невистинити и нељубезни зборови. Тие можат да се одречат од Него со тоа што ги избегнуваат животните должности, што се впуштаат во грешни задоволства. Тие можат да се одречат од Него со тоа што се прилагодуваат кон светот, со непристојно однесување, со љубов кон сопственото мислење, што се оправдуваат себеси, што негуваат сомневања, што се грижат за можни незгоди во иднината и што остануваат во темнина. Со сето тоа тие покажуваат дека Христос не е во нив. „Кој ќе се одрече од Мене пред луѓето" вели Христос, „и Јас ќе се одречам од него пред Мојот Татко, Кој е на Небото". {КВ 357.2}

Спасителот им рекол на Своите ученици да не се надеваат дека непријателството кон евангелието ќе биде совладано и дека светот ќе престане да се противи по извесен период. „Не дојдов да донесам мир, туку меч," рекол Тој. Ова креирање на судир не е последица на евангелието, туку произлегува од спротивставувањето на евангелието. Од сите прогонства најтешко се поднесува несогласувањето во семејството, оддалечувањето од најдрагите земни пријатели. Меѓутоа, Исус вели: „Кој го љуби таткото или мајката повеќе од Мене, не е достоен за Мене; и кој го љуби повеќе синот

или ќерката, не е достоен за Мене; и кој нема да го земе својот крст и не оди по Мене, не е достоен за Мене”. {КВ 357.3}

Мисијата на Христовите слуги е возвишена почест и света доверба. Христос вели: „Кој ве прима вас, Ме прима Мене; а кој Ме прима Мене, го прима Оној што Ме прати”. Секое љубезно дело што ќе им се укаже ним во Негово име, нема да остане непризнаено и ненаградено. И во истото тоа нежно признавање, Тој ги опфаќа најслабите и најниските во Божјото семејство: „Кој ќе напои еден од овие малечки“ - оние што се како деца во својата вера и во познавањето на Христа - „само со чаша студена вода затоа што е Мој ученик, навистина, ви велам, никако нема да ја изгуби својата награда”. {КВ 357.4}

Така Спасителот ги завршил Своите поуки. Во Негово име избраните дванаесетмина заминале, како што заминал и Тој, „да го проповеда евангелието на сиромашните,... да ги исцелува скршените по срце, да им проповеда ослободување на заробените и враќање вид на слепите, да ги ослободи угнетените и да ја објави благопријатната Господова година”. (Лука 4:18,19) {КВ 358.1}

38. „ДОЈДЕТЕ... И ПОЧИНЕТЕ СИ МАЛКУ"

Оваа поглавје е засновано на Матеј 14:1,2,12,13; Марко 6:30-32; Лука 9:7-10.

Бидејќи се вратиле од своето мисионско патување, „апостолите пак се собраа околу Исуса и го известија за сè што направиле и што поучувале. А тој им рече: ‘Дојдете вие сами, на осамено место и починете си малку;’ бидејќи мнозина Доаѓаа и си заминуваа, а тие немаа време ни да јадат”. {КВ 359.1}

Учениците дошле кај Исуса и го информирале за сè. Нивниот Близок однос со Него ги охрабрувал да му раскажуваат за своите пријатни и непријатни доживувања, за својата радост што ги гледаат резултатите од својот труд и за својата тага поради неуспехот, поради недостатоците и нивните слабости. Во почетокот на својата работа како евангелисти, тие направиле грешки и кога отворено му раскажувале на Христа за тоа, Тој видел дека им се потребни уште многу поуки. Тој исто така видел дека се изморени од нивната работа и дека им е потребен одмор. {КВ 359.2}

Меѓутоа, таму каде што се наоѓале не можеле да ја имаат потребната осаменост, „бидејќи мнозина Доаѓаа и си заминуваа, а тие немаа време ни да јадат”. Луѓето се туркале околу Христа со желба да бидат исцелени, желни да ги слушаат Неговите зборови. Мнозина биле привлечени кон Него, бидејќи Тој за нив изгледал како да е извор на сите благослови. Многумина од оние кои се туркале околу Христа за да го добијат драгоцениот благослов на здравје, го примиле Него како свој Спасител. Многу други кои тогаш се плашеле да го признаат Него, поради фарисеите, се обратиле при слегувањето на Светиот Дух и пред гневните свештеници и поглавари го признале Него како Божји Син. {КВ 359.3}

Меѓутоа сега Исус копнеел по осаменост за да биде со Своите ученици; бидејќи имал да им каже многу нешта. Во својата работа тие поминале низ проба на судири и наидувале на спротивставувања во разновидни облици. Дотогаш за сè барале совет од Христа, но извесен период биле сами и понекогаш им било многу тешко да одлучат што треба да направат. Тие наоѓале многу охрабрувања во својата работа, бидејќи Христос не ги испратил без Својот Дух и со вера во Него тие направиле многу чуда, но сега им

било потребно да се нахранат со Лебот на Животот. Било потребно да се повлечат на некое осамено место за да разговараат со Исуса и да добијат упатства за својата идна работа. {КВ 360.1}

„А тој им рече: Дојдете вие сами, на осамено место и починете си малку". Христос е полн со нежност и сочувство кон сите што се во Неговата служба. Тој сакал да им покаже на своите ученици дека Бог не бара жртва, туку милост. Тие се залагале со сите свои сили за народот и тоа ги исцрпело нивните телесни и умствени сили. Нивна должност била да се одморат. {КВ 360.2}

Бидејќи учениците виделе успех во својата работа, тие се наоѓале во опасност тоа да си го припишат себеси како заслуга, во опасност од духовна горделивост, и така паѓајќи под искушенијата на сатаната. Пред нив се наоѓало големо дело и тие пред сè морале да знаат дека нивната сила не лежи во нив, туку во Бога. Како Мојсеј во Синајската пустина, како Давид на брегoвите во Јудеја или како Илија кај потокот Хорат, на учениците им било потребно да се одвојат од сцените на нивната активност, за да бидат во врска со Исуса, со природата и со своите срца. {КВ 360.3}

Додека учениците биле отсутни на своето мисионерско патување, Исус посетил други градови и села, проповедајќи го евангелието за царството. Во тој период ја примил и веста за смртта на Јован Крстителот. Тој настан јасно му го прикажал крајот кон кој воделе Неговите чекори. Над Неговата патека надвиснувале темни сенки. Свештениците и рабините барале прилика за да ја постигнат Неговата смрт, шпиони го следеле на секој чекор и на сите страни се умножувале заговори за Негово уништување. Веста за проповедањето на учениците низ цела Галилеја допрела до Ирод, насочувајќи го неговото внимание на Исуса и на Неговата работа. „Тоа е Јован Крстителот" рекол Ирод „тој воскреснал од мртвите" и изразил желба да го види Исуса. Ирод живеел во постојан страв потајно да не се организира бунт со цел тој да биде симнат од престолот и еврејскиот народ да се ослободи од римскиот јарем. Кај народот созревал дух на незадоволство и бунт. Било јасно дека Христовата јавна работа во Галилеја нема да трае уште долго. Се приближувале сцените на Неговото страдање и Тој копнеел за тоа извесен период да биде одвоен од мешаницата на мноштвото. {КВ 360.4}

Со тажни срца Јовановите ученици го пренеле неговото обезглавено тело и го погребале. Тогаш тие „дојдоа и го известија Исуса". Тие ученици биле љубоморни на Исуса, кога им се чинело дека Тој го одвраќа народот од Јована. Стоеле на страната на фарисеите и го обвинувале Него, кога Тој седел со цариниците на гозбата на Матеј. Се сомневале во Неговата божествена мисија, затоа што не го ослободил Крстителот. Сега, кога нивниот учител бил мртов и кога копнееле по утеха во својата голема тага и по патоказ за својата идна работа, дошле кај Исуса и го соединиле својот интерес со Неговиот. Ним исто така им било потребно извесно време на мир за заедница со Спасителот. {КВ 361.1}

Во близина на Витсаида, на северниот дел на езерото, се наоѓало едно осамено место, кое било разубавено од свежото пролетно зеленило и им нудело пријатно место за одмор на Исуса и на Неговите ученици. Тие тргнале кон тоа место, преминувајќи со чамец преку езерото. Сакале да бидат далеку од главните патишта, од градскиот метеж и врева. Самите сцени на природата им овозможувале одмор, промена која им одговара на сетилата. Тука можеле да ги слушаат Христовите зборови без гневни прекинувања, возвраќања и обвинувања од страна на книжевниците и фарисеите. Тука кратко време можеле да уживаат во драгоценото друштво на својот Господ. {КВ 361.2}

Одморот што си го дозволиле Христос и Неговите ученици не бил поради самоугодување. Времето што го поминале во повлеченост не било исполнето со барање на задоволства. Разговарале за Божјото дело, за можностите тоа да вроди со поголем плод. Тие постојано биле со Христа и го разбирале; ним не им било потребно да им се зборува во параболи. Им укажувал на нивните грешки и им објаснил како треба да им пристапуваат на луѓето. Тој многу поцелосно им го открил драгоценото богатство на божествената вистина. Биле освежени од божествената сила и вдахновени со надеж и храброст. {КВ 361.3}

Иако Исус можел да прави чуда и ги оспособил Своите ученици да вршат чуда, Сепак ги упатил Своите исцрпени слуги да одат во природа и да се одморат. Кога им рекол дека жетвата е голема, а работници има малку, не барал од учениците постојано напорно да работат, туку рекол: „Молете го Господарот на жетвата да испрати работници на Својата жетва". (Матеј 9:38) Бог му одредил работа на секој човек во согласност со неговите способности (Ефесјаните 4:11-13) и не сакал неколкумина од нив да бидат оптоварени со одговорности, а останатите да останат без никаков товар, без обременети души. {КВ 361.4}

Христовите зборови на сочувство им се упатени на Неговите работници денес, исто онака, како што им биле упатени на Неговите ученици. „Дојдете вие сами,... и починете си малку". Тој им се обраќа на оние кои се изморени и исцрпени. Не е мудро секогаш да се биде под товар на работа и возбуда, дури и кога им се служи на духовните потреби на народот, бидејќи на тој начин се запоставува личната побожност, а силите на духот, душата и телото се преоптоварени. Од Христовите ученици се бара самооткажување и поднесување на жртви, но исто така мора да се внимава поради претераната ревност сатаната да не ги искористи човечките слабости и со тоа да му се нанесе штета на Божјото дело. {КВ 362.1}

Рабините сметале дека постојаната активност претставува кулминација на побожноста. Тие се придржувале на некои надворешни форми за да ја покажат својата повозвишена побожност. На тој начин ги одвоиле своите души од Бога и се чувствувале добро заради својата самодоволност. Сè уште постојат истите опасности. Кога активноста се зголемува и кога луѓето постигнуваат успеси во извршувањето на каква и да е работа во Божјото дело, тогаш постои опасност од потпирање врз човечките планови и методи. Постои и склоност помалку да се посвети време на молитва и да се има помалку вера. Како и учениците, и ние доаѓаме во опасност да ја изгубиме од вид својата зависност од Бога, настојувајќи од својата активност да направиме спасител. Мораме постојано да го насочуваме својот поглед во Исуса, увидувајќи дека делото се врши благодарение на Неговата моќ. Треба да се залагаме за спасение на оние кои се загубени, но истовремено мораме да имаме време за размислување, за молитва и за проучување на Божјата Реч. Конечно на крајот ќе се види дека успех донела само онаа работа што била извршена со многу молитви и која била посветена преку Христовата заслуга. {КВ 362.2}

Никогаш животот на ниту еден човек не бил толку исполнет со работа и должности како што бил Христовиот живот, а Сепак, толку често го затекнувале на молитва! Колку постојана била Неговата заедница со Бога! Колку пати во историјата на Неговиот земен живот наоѓаме запишани зборови како што се овие: „А изутрината, додека сè уште беше мрак, отиде на осамено место и таму се молеше". „Големо мноштво народ се собираше да го слуша и да се исцелува од своите болести. А Тој се повлекуваше на осамени места

и се молеше на Бога". „Во тоа време отиде Исус на гората да се моли, и помина цела ноќ во молитва кон Бога". (Марко 1:35; Лука 5:15, 16; 6:12) {КВ 362.3}

Во животот кој целосно бил посветен на добро на другите, Спасителот сметал дека е потребно да се повлече од главните патишта и од мноштвото што одело по Него ден за ден. Морал да се одвои од животот на постојана активност и од допирот со човечките потреби, за да побара осаменост и непрекината заедница со Својот Татко. Како еден од нас, како учесник во нашите потреби и слабости, Тој целосно зависел од Бога и повлекувајќи се на некое тајно место поради молитва, барал божествена сила за да добие цврстина за должностите и тешкотиите. Во светот полн со грев, Исус издржал борби и душевни мачења. Одржувајќи врска со Бога, Тој го симнувал од Себе товарот на жалоста, која толку тешко го притискала. Тука наоѓал утеха и радост. {КВ 362.4}

Преку Христа молбите на човештвото стигнале до Таткото на бескрајната милост. Како човек, испраќал молитви кон Божјиот престол, така што човечкото во Него било исполнето со небесна струја, која треба да го спојува човечкото и божественото. Преку постојана заедница со Бога, Тој примал живот, за да може да му даде живот на светот. Неговото искуство треба да биде и наше искуство. {КВ 363.1}

„Дојдете вие сами" не повикува Тој. Ако ги послушаме Неговите зборови, ќе бидеме посилни и покорисни. Учениците го нашле Исуса и сè му раскажале, а Тој ги храбрел и поучувал. Ако ние денес одвоиме време да се обратиме на Исуса и му ги кажеме нашите неволји, нема да бидеме разочарани; Тој ќе ни биде од десната страна за да ни помогне. Нам ни е потребно повеќе едноставност, повеќе вера и доверба во нашиот Спасител. Оној, Кому името му е „Бог силен, Татко вечен, Кнез на мирот", за Кого е напишано дека „власта му е на рамото" Тој е прекрасен Советник. Ние сме повикани од Него да бараме мудрост. Тој „на сите дава во изобилие и без укор". (Исаија 9:6; Јаков 1:5) {КВ 363.2}

Во сите оние што се под Божјо обучување треба да се открие живот, кој не е во склад со овој свет, со неговите обичаи и практики, и секој треба да има лично искуство во здобивање знаење за Божјата волја. Секој од нас поединечно треба да слушне како Бог му зборува на срцето. Кога секој друг глас е стивнат и кога во тишина ние чекаме пред Него, Божјиот глас појасно се слуша во тишината на душата. Тој не повикува: „Стивнете и познајте дека Јас сум Бог". (Псалм 46:10) Само тука може да се најде вистински одмор. Тоа е успешна подготовка за сите што работат за Бога. Среде раздвиженото мноштво и под притисокот на интензивната животна дејност, така освежената душа се опкружува со атмосфера на светлина и мир. Животот ќе даде мирис и во него ќе се манифестира божествената сила што ќе ги допре човечките срца. {КВ 363.3}

39. „ДАЈТЕ ИМ ВИЕ ДА ЈАДАТ"

Оваа поглавје е засновано на Матеј 14:13-21; Марко 6:32-44; Лука 9:10-17; Јован 6:1-13.

Христос се повлекол со Своите ученици на едно тивко место, но тој редок момент на мирен одмор набргу бил прекинат. Учениците мислеле дека се повлекле таму каде што нема да бидат вознемирувани; но тогаш, кога на мноштвото им недостасувало божествениот Учител, тие се запрашале: „Каде е Тој?" Сепак, некој од нив забележал во

која насока заминале Христос и Неговите ученици. Многумина тргнале по копно да ги најдат, додека други се упатиле со чамец преку езерото. Наближувала Пасха, па групи на верници од близу и од далеку, на својот пат кон Ерусалим, се собрале да го видат Исуса. Ним им се придружиле други, така што на крајот се собрале пет илјади мажи, освен жени и деца. Пред Христос да стигне на брегот, мноштвото веќе го чекало. Меѓутоа, Тој пристигнал на копно незабележан од нив и поминал насамо извесен период со Своите ученици. {КВ 364.1}

Набљудувајќи го од ридот мноштвото што Доаѓало, Неговото срце било трогнато од сочувство. Иако го прекинале и му го одзеле Неговиот одмор, не бил нетрпелив. Гледајќи го народот што постојано Доаѓал, видел една поголема потреба, која барала Негово внимание. Тој „се сожали над нив, зашто беа како овци без пастир". Напуштајќи го Своето место на почивка, нашол едно соодветно место, каде што можел да им служи. Свештениците и поглаварите не им пружиле никаква помош, но од Христа потекла исцелувачка вода на живот, додека го поучувал мноштвото за патот на спасението. {КВ 364.2}

Народот ги слушал зборовите на милост, кои течеле толку слободно од усните на Божјиот Син. Тие ги слушнале зборовите полни со благодат, кои биле толку едноставни и толку јасни, што делувале на нивните души, како мелем од Галад. Исцелувањето од Неговата божествена рака им донесувало радост и живот на оние што умирале, а сила и здравје на оние кои страдале од болести. Тој ден им изгледал како Небото да е на Земјата, па целосно заборавиле колку долго ништо не јаделе. {КВ 365.1}

Денот се ближел кон крајот. Сонцето заоѓало на запад, но луѓето уште не си оделе. Исус работел цел ден без храна и одмор. Бил блед од умор и глад и учениците го преколнувале да се одмори од Својата напорна работа. Меѓутоа, Тој не можел да се одвои од мноштвото народ што се туркал околу Него. {КВ 365.2}

Конечно учениците дошле до Него настојувајќи го да го распушти народот, зашто тоа е за нивно добро. Многумина дошле од далеку и не јаделе ништо од изутрината. Во околните градови и села можеле да си купат храна. Меѓутоа, Исус им рекол: „Дајте им вие да јадат," и потоа му се обратил на Филип и го прашал: „Каде да купиме леб за да јадат овие?" Тоа го кажал за да ја испита верата на учениците. Филип фрлил поглед на ова море од луѓе и размислувал Колку е невозможно да се обезбеди храна за да се задоволат потребите на толкаво мноштво. Тој одговорил дека леб за двесте денарии не би бил доволен за да се раздели меѓу нив и секој да добие по малку. Исус прашал Колку храна може да се најде меѓу луѓето. „Овде има едно момче" рекол Андреј, „кое има пет јачменови лебови и две мали риби. Но што е тоа за толкаво мноштво?" Исус заповедал да му се донесе тоа. Тогаш им заповедал на учениците сите присутни да ги сместат на тревата и во групи од по педесет или сто луѓе, за да се сочува редот и сите да можат да бидат сведоци на она што Тој ќе го направи. Кога тоа било сторено, Исус ја земал храната, „и погледна кон небото, ги благослови и ги скрши лебовите и им ги даде на учениците, а учениците на мноштвото". „И јадеа сите и се наситија. И кренаа парчиња, од лебот и од рибите, полни дванаесет кошници". {КВ 365.3}

Оној, Кој ги учел луѓето како да си обезбедат мир и среќа, мислел исто толку на нивните земни потреби Колку и на духовните. Луѓето биле изморени и ослабени. Тука имало и мајки со бебиња во рацете и со малечки деца кои се држеле за нивните скутови. Многумина стоеле веќе со часови. Тие биле толку живо заинтересирани за Христовите зборови што ниту за момент не помислиле да седнат, а мноштвото било толку големо, што постоела опасност да се изгазат еден со друг. Исус сакал да им даде

можност да се одморат, па им заповедал да седнат на тревата. Местото било обраснато со трева, така што сите можеле удобно да се одморат. {КВ 365.4}

Христос никогаш не правел чудо освен само за да задоволи некоја реална потреба, а секое чудо било од таков карактер за да ги води луѓето кон дрвото на животот, чии листови се за исцелување на народите. Едноставната храна што ја делеле рацете на учениците содржела цела ризница поуки. Била обезбедена скромна храна; рибата и јачменовиот леб претставувале секојдневна храна на рибарите од Галилејското Езеро. Христос можел да постели пред народот богат оброк, но храната подготвена единствено заради задоволување на апетитот, не би претставувала никаква поука за нивно добро. Со таа поука Христос ги поучил дека природната храна која Бог ја обезбедил за човекот била изопачена. Никогаш луѓето не уживале толку во раскошните гозби, подготвени заради задоволување на изопачениот вкус, како што овој народ уживал во одморот и едноставната храна што Христос ја обезбедил за нив толку далеку од човечките населби. {КВ 366.1}

Кога денес луѓето би биле едноставни во своите навики и би живееле во склад со природните закони, како што на почетокот живееле Адам и Ева, би биле обилно задоволени сите потреби на човечкото семејство. Би имало помалку вообразени потреби и повеќе можности да се работи според Божјата волја. Меѓутоа, себичноста и попуштањето на изопачените желби донеле грев и беда во светот и појава на изобилството на една, и оскудноста на друга страна. {КВ 367.1}

Исус не сакал да ги привлече луѓето кон Себе, задоволувајќи ја желбата за раскош. За големото мноштво луѓе, изморени и гладни по еден долг и возбудлив ден, едноставниот оброк претставувал не само доказ за Неговата сила, туку и за Неговата нежна грижа за нив во вообичаените потреби на животот. Спасителот не им го ветил на Своите следбеници раскошот на овој свет. Нивната исхрана може да биде едноставна, па дури и оскудна; нивниот начин на живот сиромашен, но Неговата Реч е гаранција дека нивните потреби ќе бидат задоволени и Тој го ветил она што е многу подобро од земната благосостојба, а тоа е постојана утеха со Своето присуство. {КВ 367.2}

Нахранувајќи пет илјади луѓе, Исус го тргнал превезот од светот на природата и ја открил силата која не престанува да работи за наше добро. Во продукција на земните жетви, Бог секојдневно прави чудо. По природен пат се врши истото она што Христос го направил, нахранувајќи го мноштвото. Човекот ја обработува земјата и сее семе, но само животот од Бога може да овозможи семето да изрти. Бог дава дожд, воздух и сонце, па земјата „прво донесува стебленце, па клас, а потоа полн клас зрна". (Марко 4:28) Бог е Оној, Кој секојдневно храни милиони со жетвите на земните полиња. Луѓето се повикани да соработуваат со Бога во грижата за житото и во подготовката на лебот и поради тоа го губат од вид небесното делување. Тие не му оддаваат слава на Бога, која му припаѓа на Неговото свето име. Делувањето на Неговата сила се припишува на природните фактори или на човековата работа и заслуги. Наместо Бог, се слави човекот, а Неговите благодатни дарови се изопачуваат со себична употреба, па наместо благослов, стануваат проклетство. Бог сака да го измени сето тоа. Тој сака нашите затапени сетила да станат остри, за да ја увидат Неговата милостива љубезност и да го прослават поради манифестирањето на Неговата сила. Тој сака да го препознаеме Него во Неговите дарови за тие според Неговата намера, навистина да бидат на благослов. Всушност, со таа цел биле извршени Христовите чуда. {КВ 367.3}

Бидејќи мноштвото било нахрането, им останало доста храна. Меѓутоа, Оној, Кој ги имал на располагање сите ресурси на бесконечната сила, рекол: „Соберете ги

парчињата што останаа за ништо да не пропадне”. Овие зборови значат многу повеќе од ставањето на лебот во кошниците. Поуката има двојно значење. Ништо не треба да се растури. Не смееме да занемариме ниту еден земен благослов. Не смееме да запоставиме ништо што може да му користи на некое човечко суштество. Треба да се собира сè што може да ги ублажи страдањата на гладните на Земјата. Исто така, мораме да водиме грижа и во духовен поглед. Кога кошниците со храна биле собрани, луѓето помислиле на своите пријатели дома. Сакале и тие да вкусат од лебот што Исус го благословил. Тие остатоци од храна биле разделени на желното мноштво, кое ги понело со себе во околните краеви. Така, оние кои биле на гозбата можеле на другите да им го дадат лебот што Доаѓа од Небото, за да ја задоволат гладта на душата. Тие требало да го повторат она што го научиле за прекрасните Божји нешта. Ништо не треба да се загуби. Ниту еден збор што се однесува на вечното спасение не смее неискористен да падне на земјата. {КВ 368.1}

Чудото со лебовите не учи да се надеваме во Бога. Кога Христос нахранил пет илјада луѓе, храната не била при рака. Тој очигледно немал никакви средства на располагање. Се наоѓал во пустина со пет илјада мажи, освен жени и деца. Тој не го повикал тоа големо мноштво да тргне по Него; луѓето дошле без повик и без заповед. Сепак, знаел дека по долгото слушање на Неговите поуки ќе почувствуваат глад и умор; бидејќи и Самиот чувствувал потреба за храна. Тие биле далеку од своите домови, а ноќта се спуштала. Многумина од нив немале пари да купат храна. Оној, Кој поради нив постел четириесет дена во пустината, не сакал да дозволи гладни да се вратат во своите домови. Божјото провидение го довело Исуса таму каде што се наоѓал и Тој зависел од Својот небесен Татко за средствата да ја задоволи оваа потреба. {КВ 368.2}

И ние мораме да се надеваме во Бога, кога ќе се најдеме во тешки околности. Мораме да бидеме мудри и разумни во сите животни ситуации, за да не се доведеме себеси во неволја поради нашите непромислени постапки. Не треба да се впуштаме во неволја, занемарувајќи ги средствата што Бог ги обезбедил и злоупотребувајќи ги способностите што Тој ни ги подарил. Христовите работници мораат целосно да се покоруваат на Неговите упатства. Делото е Божјо и ако сакаме да бидеме благослов за другите, мораме да ги следиме Неговите планови. Не смееме своето „јас“ да го направиме центар; нашето „јас“ не треба да прими чест. Ако планираме според нашите сопствени идеи, Господ ќе не препушти на нашите грешки. Меѓутоа, ако ги следиме Неговите упатства и ако се најдеме во теснец, Тој ќе не избави. Не смееме да паѓаме во очај, туку во секоја неволја мораме да бараме помош од Оној, Кој располага со бескрајни можности. Често ќе се најдеме во тешки ситуации и тогаш мораме со најголема доверба да се надеваме во Бога. Тој ќе ја сочува секоја душа која западнала во неволја, трудејќи се да оди по Господовиот пат. {КВ 369.1}

Христос ни наредува преку својот пророк: „Подели го својот леб со гладните“ и „нахрани ја душата на страдалникот“; „ако видиш гол, облечи го“ и „сиромашните бездомници доведи ги во твојот дом”. (Исаија 58:7-10) Тој ни дал налог: „Одете по сиот свет и проповедајте му го евангелието на секое создание”. (Марко 16:15) Меѓутоа, колку често нашето срце се обесхрабрува и нашата вера исчезнува, кога гледаме колку се големи потребите, а колку се мали средствата во нашите раце. Како Андреј, гледајќи ги петте јачменови лебови и двете малечки риби, и ние извикуваме: „Што е тоа за толкаво мноштво?“ Често се колебаме да дадеме сè што имаме, плашејќи се да трошиме и да се потрошиме за другите. Меѓутоа, Исус ни наредува. „Дајте им вие да

јадат". Неговата заповед е ветување, а зад Него стои истата онаа сила, која го нахранила мноштвото покрај езерото. {КВ 369.2}

Во Христовото дело со кое ги задоволил земните потреби на гладното мноштво се наоѓа една длабока духовна поука за сите Негови работници. Христос примил од Таткото, им дал на учениците, тие им дале на мноштвото, а луѓето еден на друг. Така сите што се соединети со Христа ќе го примат од Него лебот на животот, небесната храна, за да ја поделат на другите. {КВ 369.3}

Надевајќи се целосно во Бога, Исус ги зел тие неколку лебови; па иако тоа било недоволно дури и за Неговото семејство на ученици, не ги повикал сами да јадат, туку им дал леб и им наредил да го разделат на народот. Храната се намножувала во Неговите раце и рацете на учениците, подадени кон Христа, Кој самиот е Леб на Животот, никогаш не биле празни. Малечкото количество било доволно за сите. Откако потребите на луѓето биле задоволени, биле собрани остатоците и Христос и Неговите ученици јаделе од таа драгоцена храна, која Небото им ја обезбедило. {КВ 369.4}

Учениците биле канали за комуникација помеѓу Христа и народот. Тоа треба да биде големо охрабрување за Неговите денешни ученици. Христос е големиот центар, изворот на сета сила. Неговите ученици треба да ја примат својата залиха од Него. Најспособните и најдуховните можат да го даваат само она што ќе го примат. Сами по себе, тие не можат да направат ништо за потребите на душите. Ние можеме да им го дадеме на луѓето само она што сме го примиле од Христа, а можеме да примиме само ако даваме и на другите. Сè додека доброволно даваме, дотогаш и ќе примаме; Колку повеќе даваме, толку повеќе и ќе примаме. Така можеме постојано да веруваме, да се надеваме, да примаме и да даваме. {КВ 370.1}

Делото на градење на Христовото царство нема да запре, иако неговото напредување изгледа бавно и несовладливите препреки како да сведочат против напредувањето. Делото е Божјо и Тој ќе обезбеди средства и ќе испрати помошници, вистински, срдечни ученици, чии раце ќе бидат преполни со храна за гладното мноштво. Бог не ги заборава оние кои работат со љубов, пренесувајќи ја Речта на животот на душите кои пропаѓаат и кои, од своја страна, посегнуваат по храна за да нахранат и други гладни души. {КВ 370.2}

Во нашата работа за Бога постои опасност премногу да се потпираме на она што може да го постигне човекот со своите таленти и способности. Така го губиме Бога од вид. Многу често работникот за Христа не ја сфаќа својата лична одговорност. Тој се наоѓа во опасност да го префрли својот товар врз организации, наместо да се потпре на Оној, Кој е извор на сета сила. Голема грешка е во Божјото дело да се надеваме во човечка мудрост или во бројки на луѓе. Успехот на работата за Христа не зависи толку од бројките, ниту од способностите, колку од чистите намери, од вистинската едноставност на срдечната вера, која се потпира на Бога. Мораме на себе да примиме лична одговорност, мораме да ги прифатиме личните должности и лични напори мора да се преземат за оние кои не го познаваат Христа. Наместо својата одговорност да ја префрламе на оние кои ги сметаме за поспособни од нас, треба да работиме во склад со своите способности. {КВ 370.3}

Кога во вашето срце ќе се појави прашање: „Каде да купиме леб да јадат овие?" - нека вашиот одговор не биде одговор на неверие. Кога учениците го слушнале Христовиот налог: „Дајте им вие да јадат" помислиле на сите можни тешкотии. Тие се прашувале: „Дали треба да одиме во селата да купиме храна?" Така и денес, кога толку луѓе се без лебот на животот, Господовите деца се прашуваат: „Дали да испратиме по

некого да дојде од далеку и да ги нахрани?“ Но, што рекол Исус? „Седнете ги луѓето“ и тука Тој ги нахранил. Така и вие, кога сте опкружени со души кои имаат потреба, знајте дека тука е Христос. Зборувајте со Него. Донесете му ги своите јачменови лебови на Исуса. {КВ 370.4}

Може да ни изгледа дека средствата со кои располагаме не се доволни за делото, но ако тргнеме напред со вера, верувајќи во семоќната Божја сила, на располагање ќе ни бидат изобилни ресурси. Ако работата е од Бога, Тој самиот ќе обезбеди средства за нејзино извршување. Тој ќе ги награди оние кои едноставно и искрено се надеваат во Него. И она малку што мудро и разумно се користи во служба за Господа, ќе се намножи во текот на давањето. Во Христовите раце малечкото количество храна останало непотрошено, сè додека гладното мноштво не било нахрането. Ако се обратиме на Изворот на секоја сила со испружени раце за да примиме, ќе бидеме поддржани во нашата работа, дури и во најтешките околности и ќе бидеме во состојба и на другите да им го дадеме лебот на животот. {КВ 371.1}

Господ вели: „Давајте и ќе ви се даде”. „Кој скржаво сее, скржаво и ќе жнее, а кој сее со благослов со благослов и ќе жнее... А Бог може во вас да умножи секаква благодат, та, имајќи секогаш доволно сè, засекогаш да имате доволно сè и да изобилувате со секое добро дело, како што е напишано: {КВ 371.2}

Растури, им даде на сиромасите; Неговата праведност останува засекогаш" „А Оној што му дава семе на сејачот и леб за храна, ќе го умножи вашето семе и ќе даде да израснат плодовите на вашата праведност; и да бидете богати во сè за секаква дарежливост, која преку нас предизвикува благодарност на Бога”. (Лука 6:38; 2. Коринтјаните 9:6-11) {КВ 371.3}

40. НОЌ НА ЕЗЕРОТО

Оваа поглавје е засновано на Матеј 14:22-33; Марко 6:45-52; Јован 6:14-21.

Седејќи на рамнината обрасната со трева во квечерината на пролетната вечер, народот јадел од храната што Христос ја обезбедил. Зборовите што тие луѓе ги слушале тој ден им Доаѓале како Божји глас. Делата на исцелување чиишто сведоци биле тие, биле такви што само божествената сила можела да ги оствари. Меѓутоа, чудото со лебовите ги привлекло сите во тоа големо мноштво. Сите имале корист од тоа чудо. Во времето на Мојсеј, Бог го хранел Израел со мана во пустината; и кој е Овој што ги нахранил тој ден, ако не Оној, за Кого пророкувал Мојсеј? Никаква човечка сила не можела да создаде доволно храна од пет јачменови лебови и две мали риби, за да се заситат илјадници гладни луѓе. Затоа си зборувале еден на друг: „Ова навистина е Пророкот, Кој требаше да дојде на светот”. {КВ 377.1}

Ова уверување станувало сè посилно во текот на денот. Овој завршен чин бил уверување дека меѓу нив се наоѓа долгоочекуваниот Избавител. Надежта на луѓето станувала сè посилна и посилна. Тоа е Оној што ќе направи од Јудеја рај на Земјата, земја во која тече мед и млеко. Тој може да ја задоволи секоја желба. Тој може да ја скрши силата на омразените Римјани. Тој може да ја избави Јудеја и Ерусалим. Тој може да ги излекува војниците што се ранети во битка. Тој може да снабдува цели армии со храна. Тој може да ги покори народите и да му го даде на Израел долгоочекуваното царство. {КВ 377.2}

Во своето воодушевување, народот бил подготвен веднаш да го круниса за цар. Тие увиделе дека Тој не се обидува да привлече внимание на Себе, ниту пак да си обезбеди почести. Во ова Тој суштински се разликувал од свештениците и поглаварите, па затоа се плашеле дека никогаш нема да го бара Своето право на Давидовиот престол. Советувајќи се меѓусебно, тие се согласиле да го земат и со сила да го прогласат за цар на Израел. Учениците се соединиле со мноштвото во објавувањето дека престолот на Давид со право му припаѓа на нивниот Учител. Христовата скромност е причината што Тој одбива таква почест велеле тие. Народот треба да го воздигне својот Избавител. Нека арогантните свештеници и поглавари бидат принудени да му укажат чест на Оној, Кој дошол наметнат со божествен авторитет. {КВ 378.1}

Тие желно ги извршувале подготовките да го извршат својот план, но Исус видел што се подготвува и го сфатил она што тие не можеле да го сфатат каков ќе биде резултатот на таквиот потфат. Дури и во тој момент свештениците и поглаварите го барале Неговиот живот. Тие го обвинувале дека го одвојува народот од нив. Кога народот би се обидел да го подигне на престолот, би дошло до насилство и бунт, а делото на воспоставување на духовно царство би било попречено. Тие обиди мораат да се запрат без одложување. Исус ги повикал Своите ученици и им наредил веднаш да го земат чамецот и да се вратат во Капернаум, препуштајќи му Нему да го распушти народот. {КВ 378.2}

Никогаш дотогаш не им изгледало толку невозможно да исполнат една Христова заповед. Учениците одамна очекувале дека ќе се појави некое народно движење што ќе го постави Исуса на престолот. Тие не можеле да ја поднесат помислата дека од целото тоа воодушевување нема да произлезе ништо. Мноштвото што се собирало заради празнување на празникот Пасха, било желно да го види новиот Пророк. На Неговите следбеници тоа им изгледало како поволна можност да го постават својот сакан Учител на престолот на Израел. Во жарот на тој нов копнеж, ним им било тешко да заминат сами и да го остават Исуса сам на пустиот брег. Тие се побуниле, но сега Исус им прозборел со авторитет со каков што никогаш порано не им се обратил. Тие знаеле дека нивното понатамошно спротивставување би било бескорисно, па во тишина се свртеле кон морето. {КВ 378.3}

Тогаш Исус му заповедал на мноштвото да се разотиде; а Неговиот став бил толку решителен, што тие не се осмелувале да не послушаат. Зборовите на благодарност и величење замреле во нивните усни. Во моментот, кога тргнале со сила да го прогласат за цар, нивните чекори биле запрени, а изразот на радост и копнеж исчезнал од нивните лица. Во тоа мноштво се наоѓале луѓе со силен ум и цврста решителност; меѓутоа, Исусовото царско држење и неколкуте Негови спокојно изговорени зборови на заповед ја стивнале вревата и ги осуетиле нивните намери. Тие препознале во Него сила поголема од секоја земна власт и без прашање се покориле. {КВ 378.4}

Кога сите заминале, Исус „се искачи на гората за да се моли насамо”. Неколку часа поминал во молитва. Тогаш не му се молел на Бога за Себе, туку за луѓето. Се молел Бог да му даде сила да им го открие на луѓето божествениот карактер на Својата мисија, за сатаната да не го заслепи нивниот разум и да не ги изопачи нивните мисли. Спасителот знаел дека деновите на Неговата лична служба на Земјата се при крај и дека малкумина ќе го примат Него како свој Откупител. Во душевни маки се молел за Своите ученици. Нивните проби ќе бидат многу тешки. Нивните долго негувани надежи што се засновале на популарните заблуди, ќе бидат разочарани на многу болен и понижувачки начин. Наместо да бидат сведоци на Неговото воздигнување на Давидовиот престол, тие ќе

бидат сведоци на Неговото распнување. Тоа ќе биде навистина Неговото вистинско крунисување. Меѓутоа, тие не го увиделе тоа и затоа ќе ги снајдат силни искушенија, а ќе им биде тешко да увидат дека тоа се искушенија. Ако Светиот Дух не го просветли умот и не го прошири сфаќањето на учениците, нивната вера ќе падне. За Исуса било Болно што сфаќањата на Неговите ученици за Неговото царство во толку голем степен биле ограничени на земните почести и величење. Заради нив, товар ја притискал Неговата душа и Тој со горчлива агонија и солзи ги упатувал Своите молитви кон Бога. {КВ 379.1}

Учениците не отпловиле веднаш во чамецот како што им наредил Исус. Чекале извесен период, надевајќи се дека Исус ќе дојде кај нив. Меѓутоа, кога виделе дека се спушта мрак, тие „влегоа во чамецот и се упатија преку морето во Капернаум". Го оставиле Исуса со незадоволни срца, со поголемо нетрпение кон Него, повеќе од кога и да е откако го прифатиле за свој Господ. Тие се жалеле затоа што не им било дозволено да го прогласат за цар. Се обвинувале себеси што толку лесно ја послушале Неговата заповед. Мислеле дека би ја остариле својата цел доколку биле поупорни. {КВ 379.2}

Неверието земало власт над нивните умови и срца. Честољубието ги заслепило. Знаеле дека фарисеите го мразат Исуса и копнееле по тоа да го видат Него воздигнат, како што мислеле дека треба да биде. Да се биде соединет со Учител, Кој може да прави силни чуда, а Сепак да бидат нагрдувани како измамници тоа било проба, која тие тешко можеле да ја поднесат. Зар секогаш ќе бидат сметани како следбеници на лажен пророк? Зар Христос никогаш нема да ја преземе Својата власт како цар? Зошто Тој, Кој има толкава сила не го покаже Својот вистински карактер и не направи нивниот пат да биде помалку болен? Зошто не го спасил Јован Крстителот од насилна смрт? Така размислувале учениците, додека не западнале во голема духовна темнина. Дури и се прашувале да не е можеби Исус некој измамник како што тврделе фарисеите? {КВ 380.1}

Учениците тој ден присуствувале на чудесните Христови дела. Изгледало како Небото да се спуштило на Земјата. Сеќавањето на тој прекрасен, величествен ден требало да ги исполни со вера и надеж. Кога тие, од изобилието на своите срца, би разговарале заедно во врска со тие нешта, тие не би западнале во искушение. Меѓутоа, нивните мисли биле окупирани со нивното разочарување. Тие не обрнале внимание на Христовите зборови: „Соберете ги парчињата,... за ништо да не пропадне". Тоа биле благословени моменти за учениците, но тие го заборавиле сето тоа. Се наоѓале среде разбранети води. Нивните мисли биле вознемирени и неразумни, а Господ им дал нешто друго што ќе им зададе болка на нивните души и ќе ги обземе нивните мисли. Бог често постапува така со луѓето, кога тие сами си создаваат бремиња и тешкотии. Не било потребно учениците да создаваат неволји. Опасноста веќе брзо се приближувала. {КВ 380.2}

Им претстоела силна бура, а тие не биле подготвени за неа. Тоа било неочекувано, бидејќи изминатиот ден бил прекрасен, па кога бурата се судрила со нив, тие се исплашиле. Заборавиле на своите чувства на ненаклонетост, неверување и нетрпение. Правеле сè што можеле за чамецот да не им потоне. Патот од Витсаида до местото каде што очекувале дека ќе се сретнат со Исуса бил краток и во мирни услови пловидбата траела само неколку часа, но сега бурата ги туркала се подалеку од местото на кое сакале да стигнат. Се мачеле веслајќи до четвртата ноќна стража. Конечно, изморени тие го прифатиле фактот дека нема да преживеат. Во бурата и темнината морето им

покажало колку се беспомошни и затоа копнееле по присуството на својот Учител. {КВ 380.3}

Исус не ги заборавил. Како Стражар на брегот видел како тие исплашени луѓе се борат со бурата. Ниту за еден момент не ги изгубил од вид Своите ученици. Со длабока загриженост Неговите очи го следеле чамецот со драгоцениот товар, кого бурата го фрлала на сите страни, бидејќи тие луѓе требало да бидат светлина на светот. Како што мајката со нежна љубов го набљудува своето дете, така сочувствителниот Учител ги набљудувал Своите ученици. Кога нивните срца се покориле, кога стивнале нивните несвети амбиции, кога понизно молеле за помош помошта им била пружена. {КВ 381.1}

Во моментот кога помислиле дека се изгубени, еден блесок на светлина им открил дека им се приближува некоја таинствена фигура по водата. Меѓутоа, тие не знаеле дека тоа е Исус. За Оној, Кој им дошол на помош тие сметале дека е непријател. Ги опфатил ужас. Рацете кои ги држеле цврсто веслата со мускули како од железо, веќе не ги држеле истите. Брановите го лулале чамецот онака како што сакале, а сите очи биле насочени во ова видение на човек, кој одел по пенливите бранови на разбранетото езеро. {КВ 381.2}

Помислиле дека тоа привидение е предзнак на нивната пропаст и извикале од страв. Исус одел, како да ќе помине покрај нив. Конечно го препознале и повикале, молејќи за помош. Нивниот сакан Учител се свртел, а Неговиот глас го стивнал нивниот страв: „Бидете храбри; Јас сум, не плашете се”. {КВ 381.3}

Кога поверувале во таа чудесна реалност, Петар бил речиси вон себеси од радост. Како едвај да можел да поверува, тој извикал: „Господе, ако си Ти, нареди ми да дојдам кај Тебе по водата. А Тој му рече: ‘Дојди’!“ {КВ 381.4}

Насочувајќи го погледот кон Исуса, Петар чекорел безбедно; но, кога во самозадоволство се свртел да ги погледне своите другари во чамецот, неговите очи веќе не го гледале Спасителот. Ветрот страшно дувал. Високите бранови се испречиле меѓу него и Учителот и тој се исплашил. За миг Христос бил скриен од неговиот поглед и неговата вера попуштила. Почнал да тоне. Но додека брановите се заканувале со смрт, Петар ги подигнал своите очи над бесните бранови и насочувајќи ги кон Исуса, извикал: „Господе, спаси ме”. Исус веднаш ја фатил подадената рака и рекол: „Маловерен, зошто се посомнева?“ {КВ 381.5}

Одејќи еден покрај друг, додека Раката на Петар била во раката на Учителот, тие влегле во чамецот. Меѓутоа, сега Петар бил покорен и мирен. Повеќе немал никаква причина да се фали пред останатите ученици, бидејќи поради неверие и самовозвишување речиси ќе го загубел својот живот. Кога го одвоил својот поглед од Исуса, го изгубил тлото под нозете и почнал да тоне помеѓу брановите. {КВ 381.6}

Кога ќе не снајде неволја, Колку често ние сме како Петар! Гледаме во брановите, наместо да го држиме погледот во Спасителот. Чекорите ни стануваат несигурни, а разбрануваната вода почнува да ни ја поплавува душата. Исус не го повикал Петар кај Себе за да загине. Тој не нè повикува ниту нас да тргнеме по Него, па потоа да се одрече од нас. Тој вели: „Не плаши се, зашто Јас те откупив, те повикав по твоето име, ти си Мој. Кога ќе поминуваш низ води, Јас ќе бидам со тебе; или низ реки, тие нема да те потопат. Кога ќе поминуваш низ оган, нема да се изгориш и нема пламен да те обгори. Зашто Јас сум Господ Бог твој, Светецот Израелев, твојот Спасител”. (Исаија 43:1-3) {КВ 382.1}

Исус го познавал карактерот на Своите ученици. Знаел Колку тешко ќе биде испробана нивната вера. Во настанот на езерото Тој сакал на Петар да му ја открие

неговата сопствена слабост да му покаже дека неговата безбедност е во постојана зависност од божествената сила. Низ сите бури на искушение тој ќе може да оди без опасност, само ако целосно ја отфрли самодовербата и ако се надева во Спасителот. Петар бил слаб токму во она во што сметал дека е силен и сè додека не ја увидел својата слабост, не можел да ја разбере својата потреба да се надева во Христа. Кога би ја примил поуката што Исус сакал да му ја даде со овој настан на езерото, тој не би доживеал неуспех тогаш, кога го стигнала големата проба. {КВ 382.2}

Бог од ден на ден ги поучува Своите деца. Со помош на околностите од секојдневниот живот, Тој ги подготвува да ја одиграат својата улога на поширокатa сцена, улога што ја одредило Неговото провидение. Резултатот од секојдневните проби одлучува дали во големата криза на животот ќе извојуваат победа или ќе претрпат пораз. {КВ 382.3}

Искушението ќе ги совлада оние, кои не увидуваат дека постојано зависат од Бога. Можеме да претпоставуваме дека нашите нозе цврсто стојат и дека никогаш нема да се поместиме. Со доверба можеме да кажеме: „Знам во кого поверував; ништо не може да ја поколеба мојата вера во Бога и во Неговата Реч". Меѓутоа, сатаната има намера да ги искористи нашите наследени и стекнати особини на карактерот за да не заслепи, така што нема да ги видиме своите потреби и недостатоци. Ние можеме да одиме без опасност, само ако ја увидиме својата слабост и ако постојано го држиме погледот во Исуса. {КВ 382.4}

Кога Исус го зазел Своето место во чамецот, ветрот стивнал и „чамецот се најде веднаш на брегот каде што одеа". По ужасната ноќ, се појавила светлината на утрото. Учениците и другите што биле во чамецот паднале пред Исусовите нозе со благодарни срца, велејќи: „Навистина ти си Син Божји!" {КВ 382.5}

41. КРИЗА ВО ГАЛИЛЕЈА

Оваа поглавје е засновано на Јован 6:22-71.

Кога не му дозволил на народот да го прогласи за цар, Христос знаел дека настапил пресврт во Неговиот живот. Мноштвото што денес сакало да го издигне на престолот, утре ќе се одврати од Него. Нивната љубов ќе се претвори во омраза, а нивното славење во проколнување, бидејќи не се исполниле нивните себични амбиции. Иако го знаел тоа, Тој не преземал ништо за да ја спречи кризата. Уште од самиот почеток Тој не им пружал на Своите следбеници никаква надеж во земни награди. На еден што посакувал да стане Негов ученик, Тој му рекол: „Лисиците имаат легла и птиците небесни гнезда, а Синот Човечки нема каде да ја потпре главата". (Матеј 8:20) Кога луѓето би можеле да го имаат светот и Христа, мноштвото народ би ја понудил својата приврзаност, но таква служба Тој не можел да прифати. Меѓу оние кои тогаш се наоѓале околу Него, многумина биле привлечени од надежта во светското царство. Тие мораат да бидат изведени од заблудата. Длабоката духовна поука што ја содржело чудото со лебовите не била сфатена. Тоа мора да се објасни. Ова ново откровение ќе донесе со себе уште потешка проба. {КВ 383.1}

Чудото со лебовите се прочуло надалеку и следното утро мноштво народ се насобрал во Витсаида да го види Исуса. Луѓето Доаѓале во голем број по копно и по море. Оние што си заминале минатата ноќ, повторно се вратиле, очекувајќи дека ќе го

најдат тука, бидејќи немало никаков чамец со кој би можел да премине на другата страна. Меѓутоа, напразно го барале, па многумина од нив се вратиле во Капернаум. {КВ 383.2}

Во меѓувреме, по отсуство од само еден ден, Тој дошол во Генисарет. Кога се дознало дека е тука, луѓето „го облетаа сиот оној крај и почнаа да носат болни на постели таму каде што слушнале дека се наоѓа Тој". (Марко 6:55) {КВ 384.1}

По извесно време, Тој отишол во синагогата и таму го нашле оние што дошле од Витсаида. Од Неговите ученици дознале како преминал преку морето. Учениците верно му раскажале на мноштвото колку бурата била жестока, колку многу часови напразно веслале спротивно на неповолниот ветар, како Христос се појавил одејќи по водата, како тоа ги исплашило, Неговите зборови на уверување, што направил Петар и што се случило потоа, како бурата одненадеж стивнала и како чамецот пристигнал на брегот. Меѓутоа, не задоволувајќи се со тоа, многумина се собирале околу Исуса, прашувајќи: „Учителе, кога дојде ваму?" Очекувале од Неговите усни да слушнат дополнително објаснување за споменатото чудо. {КВ 384.2}

Исус не ја задоволил нивната љубопитност. Тој тажно рекол: „Ме барате не затоа што ги видовте чудата, туку затоа што јадевте од лебовите и се наситивте". Не го барале од некој достоен мотив, туку затоа што биле нахранети од лебовите и затоа што се надевале дека поврзувајќи се со Него, ќе стекнат земна полза. Спасителот им рекол: „Работете не за храна што се расипува, туку за храна што останува за живот вечен". Не барајте само материјална корист. Вашиот труд не треба да биде посветен на грижата за овој сегашен живот, туку барајте духовна храна, онаа мудрост што ќе опстане и низ вечниот живот. Тоа може да го даде само Божјиот Син, „зашто врз Него сложил печат Бог Таткото". {КВ 384.3}

За момент се разбудил интересот на слушателите. Тие извикале: „Што да сториме за да правиме Божји дела?" Тие извршувале многу тешки дела за да се препорачаат себеси на Бога и биле подготвени да го слушнат секое ново упатство за да стекнат уште поголеми заслуги. Нивното прашање значело: „Што треба да правиме за да го заслужиме Небото? Која е цената што треба да ја платиме за да го стекнеме идниот живот?" {КВ 385.1}

„Исус им одговори и рече: Ова е Божјото дело; да верувате во Оној што го испрати Тој". Цената за Небото е Исус. Патот за Небото е единствено преку верата во „Божјото Јагне, Кое ги зема на Себе гревовите на светот". (Јован 1:29) {КВ 385.2}

Меѓутоа, народот не одлучил да ги прифати тие зборови на божествената вистина. Исус го направил токму она дело кое пророштвото го претскажало дека Месијата ќе го направи, но тие не го виделе она што во своите себични надежи го замислувале како Негово дело. Христос навистина еднаш нахранил мноштво со пет лебови; но во времето на Мојсеј, Израел четириесет години бил хранет со мана и многу поголеми благослови се очекувале од Месијата. Нивните незадоволни срца се прашувале зошто Исус, кога може да прави такви чуда какви што виделе, не би можел да даде здравје, сила и богатство на целиот Свој народ, да го ослободи од своите поробувачи и да го издигне до моќ и чест? Фактот што Тој тврдел дека е Божји Син, а Сепак одбивал да биде цар на Израел претставувал тајна во која тие не можеле да проникнат. Неговото одбивање било погрешно толкувано. Многумина констатирале дека Тој не се осмелувал да ги спроведе Своите тврдења, бидејќи и Самиот се сомневал во божествениот карактер на Својата мисија. Тие ги отвориле своите срца за неверие и семето што сатаната го посеал вродило плод, плод на погрешно разбирање и изневерување. {КВ 385.3}

Тогаш, еден рабин потсмешливо запрашал: „Каков знак ќе ни покажеш за да ти веруваме кога ќе го видиме? Кое е Твоето дело? Нашите татковци јадеа мана во пустината, како што стои напишано: 'Им даде леб од небото да јадат'". {КВ 385.4}

Евреите му оддавале чест на Мојсеј, како оној што ја дал маната, припишувајќи му ја славата на орудието и губејќи го од вид Оној, преку Кого било извршено делото. Нивните татковци мрмореле против Мојсеј и се сомневале и ја порекнувале неговата божествена мисија. Сега, со истиот дух потомството го отфрлило Оној, Кој им ја донел Божјата порака. „Тогаш Исус им рекол: 'Вистина, вистина ви велам; не ви даде Мојсеј леб од небото'". Оној што ја дал маната се наоѓал меѓу нив. Сам Христос ги водел Евреите низ пустината и секојдневно ги хранел со леб од небото. Таа храна била симбол на вистинскиот небесен леб. Животодавниот Дух, Кој произлегува од бесконечната Божја полнота е вистинската мана. Исус рекол: „Божји леб е Оној што слегува од Небото и му дава живот на светот". (Јован 6:33) {КВ 385.5}

Претпоставувајќи дека Исус сè уште мислел на земната храна, некои Негови слушатели извикале: „Господе, давај ни го секогаш тој леб". Исус јасно одговорил: „Јас сум лебот на животот". {КВ 386.1}

Стилската фигура што ја употребил Христос им била позната на Евреите. Мојсеј, вдахнат од Светиот Дух, рекол: „Човекот не живее само од леб, туку од секој збор што излегува од Божјата уста". А пророкот Еремија напишал: „Ги најдов Твоите зборови и ги голтав; зборовите Твои ми беа за радост и веселба на срцето мое". (Второзаконие 8:3; Еремија 15:16) И рабините имале поговорка која вели дека јадењето на лебот во духовна смисла значи проучување на законот и правење добри дела. Често се зборувало дека при доаѓањето на Месијата цел Израел ќе биде нахранет. Учењето на пророците јасно ја објаснувало духовната поука за чудото со лебовите. Христос се трудел да им ја објасни таа поука на Своите слушатели во синагогата. Кога тие би го разбрале Светото Писмо, тие би ги разбрале и Неговите зборови, кога рекол: „Јас сум лебот на животот". Само пред еден ден, големото мноштво на изморени и исцрпени луѓе било нахрането со лебот што Тој го дал. Како што тој леб им дал телесна сила и освежување, така тие можеле да добијат од Христа духовна сила за вечен живот. Тој рекол: „Оној што Доаѓа кај Мене, никогаш нема да огладни. Оној што верува во Мене, сигурно нема никогаш да ожедни". Меѓутоа, додал: „Вие и Ме видовте и пак не верувате". {КВ 386.2}

Тие го виделе Христа во сведоштвото на Светиот Дух, во откровението што Бог им го дал на нивните души. Живи докази за Неговата сила биле пред нивните очи од ден на ден, но тие Сепак барале уште некој знак. И да им го дал бараниот знак, тие исто така не би верувале како и дотогаш. Ако тие не биле уверени од она што го виделе и слушнале, би било бескорисно да им се покажат повеќе чудесни дела. Неверувањето секогаш ќе најде оправдување за сомнеж и преку резонирање ќе го отфрли и најочигледниот доказ. {КВ 386.3}

Христос повторно им се обратил на тие тврдоглави срца. „Оној што ќе дојде кај мене, нема да го истерам надвор". „Сите што ќе го примат со вера" рекол Тој, „ќе имаат вечен живот". Според тоа, нема никаква потреба фарисеите и садукеите да се расправаат околу идниот живот. Луѓето не треба во безнадежна болка да тажат по своите мртви. „Желба на мојот Татко е, секој што го гледа Синот и верува во Него, да добие живот вечен и Јас да го воскреснам во последниот ден". {КВ 386.4}

Меѓутоа, водачите на народот биле навредени „и зборуваа: Нели е тоа Исус, Јосифовиот син, чијшто татко и мајка ги знаеме? Како може сега да каже: Јас слегов од

небото?“ Се обидувале да ги поттикнат предрасудите, посочувајќи подбивно на Исусовото скромно потекло. Тие со презир укажувале на Неговиот живот како галилејски работник и на неговото сиромашно и скромно семејство. Тврдењата на тој необразован дрводелец зборувале тие не се достојни за да се посвети внимание на нив. А за Неговото таинствено раѓање, тие инсинуирале дека Тој потекнувал од сомнително родителство, прикажувајќи ги на тој начин човечките околности на Неговото раѓање, како дамка во Неговиот живот. {КВ 387.1}

Исус не се обидел да ја објасни тајната на Своето раѓање. Тој не одговарал на прашањата што се однесувале на Неговото доаѓање од Небото, како што не одговарал на прашањата за тоа како преминал преку езерото. Не се трудел да го привлече вниманието со чудата што го обележувале Неговиот живот. Доброволно се откажал од угледот и земал на Себе облик на слуга. Меѓутоа, Неговите зборови и дела го откривале Неговиот карактер. Сите оние чии срца биле отворени за божественото просветлување, ќе го препознаат во Него „Единородниот од Таткото, полн со благодат и вистина”. (Јован 1:14) {КВ 387.2}

Предрасудите на фарисеите биле вкоренети подлабоко, отколку што тоа го покажувале нивните прашања коренот на тоа се наоѓал во изопаченоста на нивното срце. Секој Исусов збор и секоја Негова постапка предизвикувале непријателство во нив, зашто духот што тие го негувале не можел да пронајде во Него никаков одзив. {КВ 387.3}

„Никој не може да дојде кај Мене, ако не го привлече Таткото, Кој Ме прати; и Јас ќе го воскреснам него во последниот ден. Во пророците стои напишано: ‘Сите ќе бидат поучени од Бога. Секој што слушал од Таткото и се поучил, Доаѓа кај Мене’”. Кај Христа нема да дојде никој друг, освен оние што се одзиваат на привлечната сила на Татковата љубов. Меѓутоа, Бог го привлекува кај Себе секое срце и само оние што се спротивставуваат на Неговата привлечна сила не доаѓаат кај Христа. {КВ 387.4}

Изговарајќи ги зборовите: „Сите ќе бидат поучени од Бога,“ Исус го имал во предвид пророштвото на Исаија: „Сите твои синови ќе бидат поучени од Господа и голем ќе биде мирот на Твоите деца”. (Исаија 54:13) Евреите сметале дека тие зборови се однесуваат на нив. Се фалеле дека Бог е нивен Учител. Меѓутоа, Исус покажал колку напразно е тоа тврдење, бидејќи рекол: „Секој што слушал од Таткото и се поучил, Доаѓа кај Мене”. Само преку Христа можеле да стекнат знаење за Таткото. Човекот не може да ја издржи сцената на Неговата слава. Оние кои учеле од Бога, го слушале гласот на Неговиот Син и во Исус од Назарет го препознале Оној, Кој преку природата и откривањето го објавил Таткото. {КВ 387.5}

„Вистина, вистина, ви велам, оној што верува во Мене има живот вечен”. Преку саканиот Јован, кој ги слушал тие зборови, Светиот Дух им објавил на црквите: „Ова е тоа сведоштво, дека Бог ни дал вечен живот и тој живот е во Неговиот Син. Оној што го има Синот, има живот”. (1. Јованово 5:11,12) Исус рекол: „Јас ќе го воскреснам во последниот ден”. Христос станал едно во телото со нас, за и ние да станеме едно во духот со Него. Благодарение на тоа единство, ние ќе излеземе од гробот, не само затоа што тоа ќе биде манифестирање на Христовата сила, туку и затоа што преку вера, Неговиот живот ќе стане наш живот. Вечен живот имаат оние, кои го гледаат Христа во Неговиот вистински карактер и кои го примаат во своето срце. Христос престојува во нас преку Духот, а Духот Божји, примен во срцето преку вера, претставува почеток на вечниот живот. {КВ 388.1}

Присутните му посочиле на Христа на маната што ја јаделе нивните татковци во пустината, како давањето на таа храна да било поголемо чудо од она што го направил Христос, но Тој им покажал колку е ситен тој дар во споредба со благословите што Тој дошол да ги подели. Маната можела да го одржи само земниот опстанок, а не го спречувала пристапот на смртта, ниту обезбедувала бесмртност. Меѓутоа, Небесниот леб ја храни душата за вечен живот. Спасителот рекол: „Јас сум лебот на животот. Вашите татковци јадеа мана во пустината и изумреа. Ова е лебот што слегува од Небото, и оној што јаде од него нема да умре. Јас сум живиот леб што слезе од Небото. Оној што јаде од овој леб ќе живее довека". На оваа симболика Христос додава и друга. Само доколку Тој умре, ќе може да им даде живот на луѓето и во зборовите што следат Тој укажува на Својата смрт, како на средство за спасение. „Лебот што ќе го дадам Јас е Моето тело, што го давам за живот на светот". {КВ 388.2}

Евреите се подготвувале во Ерусалим да го прославаат празникот Пасха и споменот на ослободувањето на Израел онаа ноќ, кога ангелот уништувач удрил по домовите во Египет. Бог сакал во пасхалното јагне тие да го видат Божјото Јагне и преку тој симбол да го примат Оној, Кој го дал Својот живот за спасение на човечкиот род. Меѓутоа, Евреите отишле толку далеку што му придавале на симболот најголемо значење, додека неговата смисла била незабележана. Тие не го препознале Господовото тело. Истата таа вистина, која симболично е прикажана во пасхалната служба, се содржела во Христовите зборови. Меѓутоа, таа вистина останала незабележана. {КВ 388.3}

Тогаш рабините луто повикале: „Како може овој Човек да ни го даде Своето тело да го јадеме?" Се преправале дека ги сфаќаат Неговите зборови во иста буквална смисла, како што го направил тоа Никодим, прашувајќи: „Како може човек да се роди, кога е стар?" (Јован 3:4) Тие всушност во извесна мера ја сфаќале смислата на Исусовите зборови, но не сакале да го признаат тоа. Извртувајќи ги Неговите зборови, тие се надевале дека ќе го предизвикаат нерасположението на народот против Него. {КВ 389.1}

Христос не го ублажил Своето симболично излагање. Тој ја изнел вистината со уште посилни зборови: „Вистина, вистина ви велам, ако не го јадете телото на Синот Човечки и ако не ја пиете Неговата крв, нема да имате живот во себе. Оној што го јаде Моето тело и ја пие Мојата крв, има живот вечен и Јас ќе го воскреснам во последниот ден. Моето тело е вистинско јадење и Мојата крв е вистинско пиење. Оној што го јаде Моето тело и ја пие Мојата крв, пребива во Мене и Јас во него". {КВ 389.2}

Да се јаде Христовото тело и да се пие Неговата крв значи да се прими како личен Спасител, да се верува дека Тој ги простува нашите гревови и дека сме совршени во Него. Набљудувајќи ја Неговата љубов, размислувајќи за неа, напојувајќи се од неа, ние стануваме учесници во Неговата природа. Она што е храна за телото тоа Христос мора да биде за душата. Храната не ни е од полза ако не ја јадеме, ако не стане дел од нашето битие. Така Христос не ни е од никаква полза, ако не го примиме како свој личен Спасител. Теоретското знаење нема да ни биде од никаква полза. Мораме да се храниме со Него, да го примиме во своето срце, така што Неговиот живот да стане наш живот. Неговата љубов и Неговата благодат мора да станат дел од нас. {КВ 389.3}

Меѓутоа, дури ни тие симболи не можеле да им прикажат какви предности содржи односот на верникот со Христа. Исус продолжува: „Како што ме прати Мене живиот Татко и Јас живеам преку Таткото, така и тој што јаде од Мене, ќе живее преку Мене". Како што Божјиот Син живеел преку вера во Таткото, така и ние мораме да живееме преку вера во Христа. Исус целосно бил предаден на Божјата волја, така што Таткото

единствено се манифестирал во Неговиот живот. Иако бил искушуван во сè како и ние, стоел пред светот неизвалкан од гревот што го опкружувал. Така и ние треба да победиме, како што победил Христос. {КВ 389.4}

Дали си Христов следбеник? Ако си, тогаш сè што е напишано за духовниот живот е напишано и за тебе и можеш да го досегнеш, ако се соединиш себеси со Исуса. Дали твојата ревност попушта? Дали твојата прва љубов се оладила? Прифати ја повторно понудената Христова љубов. Јади од Неговото тело, пиј од Неговата крв, и ќе станеш едно со Таткото и со Синот. {КВ 389.5}

Евреите што не верувале ја виделе само буквалната смисла во зборовите на Спасителот. Обредниот закон им забранувал да вкусат крв и затоа тие ги протолкувале Христовите зборови како светогрдие и се расправале меѓу себе околу тоа. Дури и многумина меѓу учениците рекле: „Тешки се овие зборови, кој може да ги слуша?“ {КВ 390.1}

Спасителот им одговорил: „Зар ова ве соблазнува? А уште да го видите Синот Човечки како се вознесува горе таму каде што бил порано? Духот е тој што оживува, а телото ништо не помага. Зборовите што Јас ви ги кажав се дух и живот”. {КВ 390.2}

Христовиот живот, кој дава живот на светот се наоѓа во Неговата Реч. Со Својата Реч, Исус лекувал болни и истерувал демони. Со Својата Реч ја стивнал бурата и ги подигал мртвите и народот бил сведок дека Неговата Реч имала сила. Тој ја зборувал Божјата Реч, како што зборувал преку сите пророци и учители во Стариот Завет. Целата Библија е манифестација на Христа и Спасителот сакал верата на Своите следбеници да ја утврди кон Речта. Кога Неговото видливо присуство ќе биде повлечено, Речта мора да биде извор на нивната сила. Како нивниот Учител и тие требало да живеат „од секој збор што излегува од Божјата уста”. (Матеј 4:4) {КВ 390.3}

Како што својот телесен живот го одржуваме со помош на храна, така и нашиот духовен живот се одржува со помош на Божјата Реч. Секоја душа за себе треба да прима живот од Божјата Реч. Како што сами мораме да јадеме за да примиме сила, така и сами мораме да ја примиме Речта. Не можеме да ја добиеме со посредство на некој друг. Треба внимателно да ја проучуваме Библијата, молејќи му се на Бога со помош на Светиот Дух да можеме да ја разбереме Неговата Реч. Треба да земеме еден стих и да ги насочиме мислите, трудејќи се да ја пронајдеме смислата што Бог ја ставил за нас во него. Треба да размислуваме за таа мисла, сè додека таа не стане наша сопствена мисла и ние не дознаеме „што говори Господ”. {КВ 390.4}

Во своите ветувања и опомени Исус мислел на мене. Бог толку го љуби светот што го дал и својот Единороден Син, за јас со тоа што ќе верувам во Него да не загинам, туку да имам вечен живот. Искуствата изложени во Божјата Реч мораат да станат мои искуства. Молитвите и ветувањата, начелата и опомените сето тоа ми припаѓа мене. „Јас сум распнат со Христа; и јас веќе не живеам, туку Христос живее во мене, и животот кој сега го живеам во телото, го живеам преку вера во Божјиот Син, Кој ме возљуби и се предаде Себеси за мене”. (Галатјаните 2:20) Кога верата така ги прима и присвојува начелата на вистината, тие стануваат составен дел на битието и движечка сила во животот. Примена во душата, Божјата Реч ги обликува мислите и влијае на развојот на карактерот. {КВ 390.5}

Гледајќи постојано на Исуса со окото на верата ние стануваме посилни. Бог ќе му даде најдрагоцени откровенија на Својот гладен и жеден народ. Таквиот ќе увиди дека Христос е личен Спасител. Кога се хранат со Неговата Реч, луѓето увидуваат дека таа е дух и живот. Речта ја уништува вродената земна природа и дава нов живот во Исуса

Христа. Светиот Дух Доаѓа како Утешител на душата. Со помош на Неговата благодат што преобразува, во ученикот се репродуцира Божјиот лик и тој станува ново создание. Љубовта Доаѓа на местото на омразата, а срцето станува слично на Бога. Тоа значи да се живее „од секој збор што излегува од Божјата уста". Тоа значи да се јаде Лебот што слегува од Небото. {КВ 391.1}

Христос изговорил една света, вечна вистина во поглед на односот помеѓу Себеси и Своите следбеници. Тој го познавал карактерот на оние што тврделе дека се Негови ученици, а Неговите зборови ја ставиле нивната вера на проба. Тој рекол дека тие треба да веруваат и да постапуваат според Неговото учење. Сите што ќе го примат, ќе бидат учесници во Неговата природа и ќе се прилагодат на Неговиот карактер. Тоа значело дека мораат да се откажат од своите омилени амбиции. Тоа барало целосно да се предадат на Исуса. Мораат да бидат самопожртвувани, понизни и кротки во срцето. Мораат да одат по тесната патека по која одел Човекот од Голгота, доколку сакаат да имаат удел во дарот на животот и во славата на Небото. {КВ 391.2}

Пробата била премногу тешка. Исчезнало воодушевувањето на оние што се обидувале со сила да го прогласат за цар. Тие зборувале дека таа беседа во синагогата ги отворила нивните очи. Сега се отрезниле. Според нивното мислење, Неговите зборови претставувале директно признавање дека Тој не е Месијата и дека никаква земна награда не може да се постигне врз основа на поврзаноста со Него. Тие и посакале добредојде на Неговата чудотворна моќ; биле желни да бидат ослободени од болестите и страдањата, но не сакале да се прилагодат на Неговиот самопожртвуван живот. Не им било грижа за таинственото духовно царство за коешто Тој зборувал. Оние неискрените и себичните што го барале, не го посакувале повеќе. Кога не сакал да ги употреби силата и влијанието за да издејствува нивно ослободување од Римјаните, тие не сакале да имаат ништо со Него. {КВ 391.3}

Исус јасно им кажал: „Но меѓу вас има некои што не веруваат". Потоа додал: „Затоа ви реков дека никој не може да дојде кај Мене, ако не му е дадено од Таткото". Тој посакувал тие да сфатат дека, доколку тие не се привлечени кон Него, тоа е од причина што нивните срца не се отворени за Светиот Дух. „Земниот човек не го прима она што Доаѓа од Божјиот Дух, зашто тоа е лудост за него и не може да го спознае, затоа што за тоа треба да се расудува на духовен начин". (1. Коринтјаните 2:14) Преку вера душата ја гледа Исусовата слава. Таа слава е сокриена, сè додека со силата на Светиот Дух не се разгори вера во душата. {КВ 391.4}

Бидејќи биле јавно укорени заради своето неверие, тие ученици уште повеќе се отуѓиле од Исуса. Тие биле многу незадоволни и сакале да го повредат Спасителот и да ја задоволат злобата на фарисеите, па затоа му свртеле грб и го напуштиле со презир. Тоа бил нивен избор земале форма без дух, лушпа без јатка. Никогаш подоцна не ја измениле својата одлука, бидејќи веќе не оделе по Исуса. {КВ 392.1}

„Лопатата е во Неговата рака и Тој ќе го очисти Своето гумно и ќе го собере Своето жито во житницата". (Матеј 3:12) Тоа бил еден од периодите на чистење. Со зборовите на вистината, плевелот бил одвоен од пченицата. Многумина се одвратиле од Исуса, бидејќи биле премногу суетни и самоправедни за да примат укор, премногу го сакале овој свет за да прифатат живот исполнет со понизност. Многумина денес го прават истото. Душите и денес се стават на проба, како што биле на проба тие ученици во синагогата во Капернаум. Кога вистината ќе се открие во нивното срце, тие увидуваат дека нивниот живот не е во склад со Божјата волја. Тие увидуваат дека е потребно да се изменат, но не се подготвени да го започнат делото на самооткажување. Затоа

стануваат гневни, кога ќе се откријат нивните гревови. Тие заминуваат соблазнети, како што и учениците го напуштиле Христа, мрморејќи: „Тешки се овие зборови; кој може да ги слуша?“ {КВ 392.2}

Пофалбите и ласкањата би биле пријатни за нивните уши, но вистината е непожелна; тие не можеле да ја слушаат. Кога го следеле многу народ и кога толпата била нахранета и се слушале извици на триумф, нивните гласови силно се слушале во пофалба. Но, кога Божјиот Дух го открил нивниот грев и ги повикал да се откажат од него, тие и свртеле грб на вистината и веќе не оделе по Исуса. {КВ 392.3}

Кога овие незадоволни ученици се одвратиле од Христа, со нив завладеал поинаков дух. Веќе не наоѓале ништо привлечно во Оној, Кој порано толку ги привлекувал. Тие ги побарале Неговите непријатели, бидејќи биле во хармонија со нивниот дух и дело. Тие погрешно ги толкувале Неговите зборови, ги изопачувале Неговите изјави и ги оспорувале Неговите побуди. Своето однесување го поткрепувале со тоа што собирале сè што би можело да се употреби против Него. Тие лажни извештаи предизвикале таков гнев, што Неговиот живот бил во опасност. {КВ 392.4}

Брзо се проширила веста дека Исус од Назарет, според сопственото признавање, не е Месијата. Така и во Галилеја, расположението на народот се свртело против Него, како што се случило една година порано во Јудеја. Тешко на Израел! Тие го отфрлиле својот Спасител, зашто копнееле по освојувач, кој би им подарил земна сила. Сакале јадење што поминува, а не она што останува вечно. {КВ 393.1}

Со копнежливо срце Исус видел како оние кои биле Негови ученици си заминуваат од Него Животот и Светлината на светот. Свеста дека луѓето не го ценат Неговото сочувство, дека не ја возвраќаат Неговата љубов и го отфрлаат Неговото спасение го исполнила со неискажлива жалост. Таквиот развој на настаните како овој го направиле Човек на болката, Кој ја познава тагата. {КВ 393.2}

Не обидувајќи се да ги спречи оние што го напуштиле, Исус се свртел кон дванаесеттемина и им рекол: „Дали и вие ќе си заминете?“ {КВ 393.3}

Петар одговорил со прашање: „Господе, кај кого да одиме?“ „Ти имаш зборови на вечен живот“ додал тој. „Ние веруваме и сме сигурни дека Ти си Христос, Син на живиот Бог”. {КВ 393.4}

„Кај кого да одиме?“ Учителите на Израел биле робови на формализмот. Фарисеите и садукеите постојано се расправале. Да се остави Исус, би значело да се упадне меѓу поборниците на обредите и церемониите и меѓу славољубивите луѓе, кои ја барале својата слава. Учениците нашле повеќе мир и радост откако го примиле Христа, отколку во целиот поранешен живот. Како можеле да се вратат кај оние што го презреле и прогонувале Пријателот на грешниците? Тие долго го очекувале Месијата; сега Тој дошол и тие не можеле да се одвратат од Неговото присуство и да им пристапат на оние кои го барале Неговиот живот, а нив ги прогонувале затоа што станале Негови следбеници. {КВ 393.5}

„Кај кого да одиме?“ Не од Христовото учење, од Неговите поуки на љубов и милост кон темнината на неверието и злобноста на светот. Додека Спасителот го оставиле многумина кои биле сведоци на Неговите прекрасни дела, Петар ја изразил верата на учениците „Ти си Христос”. Самата помисла да ја изгубат оваа котва на нивните души ги исполнувала со страв и болка. Да се напушти Спасителот, би значело да се биде препуштен на судбината на темното и разбранувано море. {КВ 393.6}

Многу Христови зборови и дела изгледаат таинствени за ограничените умови, но секој збор и дело имале одредена цел во делото на нашето спасение; секое било

испланирано за да постигне свои резултати. Кога би биле во состојба да ги сфатиме Неговите цели, сè би изгледало значајно, целосно и во хармонија со Неговата мисија. {КВ 393.7}

Иако сега не можеме да ги сфатиме Божјите дела и патишта, можеме да ја распознаеме Неговата голема љубов, која лежи во основата на сите Негови односи со луѓето. Оној што живее близу Исуса, ќе разбере многу од тајната на побожноста. Ќе ја препознае милоста која дава укори, го испитува карактерот и ги расветлува намерите на срцето. {КВ 394.1}

Кога Исус ја изнел пробната вистина која предизвикала толкав број Негови ученици да се одвратат, Тој знаел каков ќе биде резултатот на Неговите зборови, но сакал да изврши една цел на милоста. Тој видел дека во часот на искушението секој од Неговите љубени ученици ќе биде ставен на страшна проба. Неговата агонија во Гетсиманија, предавството, судењето и распнувањето, за нив ќе претставуваат најголема проба. Кога не би постоел претходен тест, со учениците би биле поврзани мнозина поттикнати само од себични побуди. Кога нивниот Господ ќе биде осуден во судницата; кога мноштвото луѓе, кои некогаш го поздравувале Него како нивен цар му се исмејувале и го навредувале; кога мноштвото народ што се подбивал, викал: „Распни го!“ кога се разочарале во своите световни амбиции овие себични луѓе, откажувајќи ја својата верност кон Исуса, би им нанеле на учениците уште една горчлива и тешка болка, како додаток на нивната тага и разочарување поради пропаѓање на нивните најдраги надежи. Во тој час на темнина, примерот на оние што се одвратиле од Него, можел да повлече и други со нив. Затоа Исус ја предизвикал оваа криза уште додека со Своето лично присуство можел да ја зајакне верата на Своите вистински следбеници. {КВ 394.2}

Сочувствителниот Откупител, целосно свесен за судбината што го очекува, нежно ја израмнувал патеката за учениците, подготвувајќи ги за нивната најтешка проба и засилувајќи ги за крајниот испит! {КВ 394.3}

42. ТРАДИЦИИ

Оваа поглавје е засновано на Матеј 15:1-20; Марко 7:1-23.

Надевајќи се дека ќе го видат Исуса на празникот Пасха, книжевниците и фарисеите му поставиле стапица. Меѓутоа, Исус знаејќи ја нивната намера, не дошол на овој собир. „И се собраа околу Исуса фарисеите и некои од книжевниците”. Бидејќи Тој не дошол кај нив, тие дошле кај Него. Извесен период изгледало дека народот на Галилеја ќе го прими Исуса како Месија и дека моќта на хиерархијата во таа област ќе биде скршена. Мисијата на дванаесетминатa укажувајќи на проширувањето на Христовото дело и доведувајќи ги понепосредно учениците во судир со рабините, повторно ја предизвикала љубомората на водачите во Ерусалим. Шпионите, кои на почетокот на Неговата служба биле испратени во Капернаум за да го обвинат поради непочитување на саботата, доживеале неуспех, но рабините и понатаму биле цврсто решени да ја остварат својата намера. Сега испратиле други пратеници да внимаваат на Неговите постапки и да пронајдат некој повод за обвинување. {КВ 395.1}

Како и порано, повод за нивните напади било Неговото непочитување на традиционалните прописи, кои претставувале оптоварување за Божјиот закон. Се тврдело дека целта на тие прописи била да обезбеди почитување на законот, но тие ги

сметале за посвети од самиот закон. Кога прописите на рабините Доаѓале во судир со заповедите дадени на Синај, предноста им била давана на рабинските прописи. {КВ 395.2}

Меѓу обредите на кои најмногу се внимавало било обредното чистење. Ако некој би ја заборавил формалноста која требало да се изврши пред да се започне со јадење, тоа се сметало за тежок грев, кој заслужува казна како на овој, така и на оној свет, додека уништувањето на престапникот се сметало за доблест. {КВ 395.3}

Постоеле безброј правила кои се однесувале на чистењето. Целиот живот едвај би бил доволен за да се научат сите. Животот на луѓето што се труделе да ги исполнат сите барања на рабините претставувал долга борба против обредната нечистотија и бескраен редослед на миења и чистења. Луѓето биле окупирани со безначајни ситници и обреди кои Бог не ги барал, додека истовремено нивното внимание било одвратено од големите начела на Неговиот закон. {КВ 396.1}

Христос и Неговите ученици не ги почитувале обредите на миење, па шпионите го искористиле овој нивен пропуст како основа за обвинување. Меѓутоа, не извршиле директен напад на Христа, туку дошле да ги критикуваат Неговите ученици. Во присуство на мноштво луѓе, тие рекле: „Зошто Твоите ученици го престапуваат преданието на старите? Бидејќи не си ги мијат рацете, кога јадат леб". {КВ 396.2}

Секогаш, кога веста на вистината ќе допре до душите со посебна сила, сатаната ги поттикнува своите помошници да започнат расправа за некое ситно прашање. Со тоа тој настојува да го сврти вниманието од главниот предмет. Секогаш, кога ќе се започне некое добро дело, се наоѓаат луѓе, кои подигаат безначајни приговори, подготвени да поведат расправа за формални и споредни прашања, за да ги одвратат умовите од живата реалност. Ако се покаже дека Бог на посебен начин работи за Својот народ, тогаш не треба да се дозволи луѓето да се впуштат во расправи кои само можат да упропастат души. Прашањата што најмногу не засегаат се: Дали верувам во Божјиот Син со вера која спасува? Дали мојот живот е во склад со божествениот Закон? „Кој верува во Синот, има живот вечен, а кој не верува во Синот, нема да види живот". „И по тоа знаеме дека го познаваме ако ги држиме Неговите заповеди". (Јован 3:36; 1. Јованово 2:3) {КВ 396.3}

Исус не направил никаков обид да се брани Себеси или Своите ученици. Тој не се осврнал на обвинувањата против Него, туку продолжил да покажува каков дух ги поттикнува овие поборници на човечките обреди. Тој им дал пример на она што тие постојано го повторувале и го направиле непосредно пред да дојдат Него да го побараат. „Вие добро ја укинувате Божјата заповед" рекол Тој, „за да го држите своето предание. Имено, Мојсеј рекол: 'Почитувај ги својот татко и својата мајка; и кој ќе го проколне својот татко или својата мајка да се казни со смрт'. А вие велите: Оној што ќе му рече на таткото или на мајката: 'Она со кое ти би се ползувал од мене е корван, односно дар'. И на таков не оставате веќе ништо да направи за својот татко или својата мајка". Тие ја запоставиле петтата заповед како да нема никакво значење, но многу точно се придржувале за преданијата на своите водачи. Тие го учеле народот дека посветувањето на нивниот имот во прилог на храмот е многу посвета должност од помагањето на родителите и дека, колку и да е голема потребата, светогрдие е да им се даде на таткото и на мајката кој било дел од она што е посветено на тој начин. Било доволно човекот што ги запоставува должностите кон родителите само да го изговори зборот „Корван" над својот имот и со тоа да му го посвети на Бога, па целиот свој живот истиот да го искористува за лични цели, кој по неговата смрт се доделува на службата

на храмот. На тој начин човекот би можел под маска на посветеност кон Бога и за време на својот живот и по смртта да ги обесчести и измами своите родители. {КВ 396.4}

Никогаш, ниту со еден збор ниту со дело Исус не ја намалил човековата обврска во давањето дарови и приноси на Бога. Христос бил Оној, Кој ги дал сите прописи во законот во поглед на десетокот и даровите. Додека бил на Земјата, Тој ја пофалил сиромашната жена, која дала во храмот сè што имала. Меѓутоа, наводната ревност на свештениците и рабините била само изговор со кој ја прикривале својата желба за самовозвишување. Тие го измамиле народот што носел тешки товари кои Бог не му ги наметнал. Дури и Христовите ученици не биле целосно ослободени од јаремот што им го наметнале наследените предрасуди и рабинскиот авторитет. Откривајќи го вистинскиот дух на рабините, Исус настојувал да ги ослободи од ропството на традицијата сите оние што вистински сакале да му служат на Бога. {КВ 397.1}

Обраќајќи им се на лукавите шпиони, Христос рекол: „Лицемери, добро пророкувал за вас Исаија велејќи: 'Овој народ се приближува до Мене со своите усни, а срцето нивно е далеку од Мене. Напразно ми се поклонуваат, поучувајќи науки што се човечки заповеди'." Христовите зборови претставувале осуда на целиот фарисејски систем. Тој рекол дека со поставување на нивните барања над божествените правила, рабините се поставувале себеси над Бога. {КВ 397.2}

Пратениците од Ерусалим биле исполнети со бес. Тие не можеле да го обвинат Христа дека го крши законот даден на Синајската гора, бидејќи Тој го бранел тој закон од нивните традиции. Големите прописи на тој закон што Тој ги изложил, биле во очигледна спротивност со ситните правила што ги измислиле луѓето. {КВ 397.3}

Исус му објаснил на мноштвото, а подоцна многу подетално на Своите ученици, дека осквернувањето не Доаѓа однадвор, туку одвнатре. Чистотата и нечистотијата се однесуваат на душата. Човекот го осквернуваат лошото дело, лошиот збор, лошата мисла, кршењето на Божјиот закон, а не занемарувањето на надворешните обреди што ги измислиле луѓето. {КВ 397.4}

Учениците забележале дека шпионите збеснале, кога било откриено нивното лажно учење. Тие ги забележале лутите погледи и ги слушнале полугласно изговорените зборови на незадоволство и одмаздољубивост. Губејќи го од вид фактот колку често Христос покажал дека ги чита срцата како отворена книга, тие му кажале каков впечаток предизвикале Неговите зборови. Надевајќи се дека можеби Тој ќе ги смири разбеснетите поглавари, учениците му рекле: „Знаеш ли дека фарисеите се соблазнија, кога ги слушнаа тие зборови?" {КВ 398.1}

Тој одговорил: „Секоја садница што не ја посадил мојот Татко, ќе биде искорната". Обичаите и традициите што рабините толку високо ги ценеле биле од овој свет, а не од Небото. Колку и да уживале голем авторитет кај народот, тие не можеле да ја издржат Божјата проба. Секоја човечка творба, која ги заменила Божјите заповеди нема да има никаква вредност оној ден, кога „Бог ќе ги изнесе на суд сите скриени дела, било добри или лоши". (Проповедник 12:14) {КВ 398.2}

Заменувањето на Божјите заповеди со човечки прописи не престанало. Дури и меѓу христијаните се наоѓаат прописи и обичаи што немаат подобра основа од традицијата на татковците. Таквите прописи, кои се засноваат на човечки авторитет, ги замениле божествените прописи. Луѓето цврсто се држат за своите традиции и ги почитуваат своите обичаи и негуваат омраза против оние што се трудат да им укажат на нивната заблуда. Денес, кога сме повикани да обрнеме внимание на Божјите заповеди и на верата Исусова, го гледаме истото она непријателство што се манифестирало во

Христово време. За остатокот на Божјиот народ е напишано: „Змевот се разгневи на жената и отиде да војува против остатокот од нејзиното семе, против оние што ги држат Божјите заповеди и го имаат Исусовото сведоштво”. (Откровение 12:17) {КВ 398.3}

Меѓутоа „секоја садница што не ја посадил мојот Татко, ќе биде искорната”. Наместо авторитетот на таканаречените црковни татковци, Вог не повикува да ја примиме Речта на вечниот Татко, на Господарот на Небото и Земјата. Само таа вистина не е измешана со заблудата. Давид рекол: „Станав поразумен од сите мои учители, затоа што размислувам за Твоите сведоштва. Поумен станав од старците, зашто ги држам Твоите правила”. (Псалм 119:99,100) Сите што го прифаќаат човечкиот авторитет, црковните обичаи или традициите на татковците, треба да го послушаат предупредувањето изречено во Христовите зборови: „Напразно ми се поклонуваат, поучувајќи науки што се човечки заповеди”. {КВ 398.4}

43. УРНАТИ ПРЕПРЕКИ

Оваа поглавје е засновано на Матеј 15:21-28; Марко 7:24-36.

По судирот со фарисеите, Исус се повлекол од Капернаум и поминувајќи низ Галилеја, се упатил кон планинскиот предел на границите на Феникија. Гледајќи кон запад, Тој во долината можел да ги види древните градови Тир и Сидон со нивните незнабожечки храмови, величествени палати и трговски центри и со пристаништа полни со трговски бродови. Зад тоа се протегале сините пространства на Средоземното Море, преку кое гласниците на евангелието ќе ги понесат добрите вести во центрите на големото светско царство. Меѓутоа, тоа време сè уште не дошло. Делото што се наоѓало пред Него се состоело во тоа да ги подготви Своите ученици за нивната мисија. Доаѓајќи во таа област, се надевал дека тука ќе го најде мирот што не можел да го најде во Витсаида. Меѓутоа, тоа не била Негова единствена цел за доаѓање во оваа област. {КВ 399.1}

„И ете, дојде од тој крај жена Хананка и извикна, велејќи: ‘Смилувај ми се Господе, Сине Давидов! Ќерка ми многу ми ја мачи зол дух’.“ (Матеј 15:22) Народот од таа област имал старо хананско потекло. Тие биле идолопоклоници, а Евреите ги презирале и ги мразеле. На тој народ му припаѓала жената која сега дошла кај Исуса. Како припадничка на незнабожечки народ, таа била лишена од предноста што Евреите секојдневно ја уживале. Меѓу Фениќаните живееле многу Евреи и гласовите за Христовото дело продреле во таа област. Некои меѓу нив ги слушале Неговите зборови и биле сведоци на Неговите чудотворни дела. Оваа жена слушнала за пророкот кој, како што и кажале, лекувал од секаква болест. Кога слушнала за Неговата моќ, надеж се разбудила во нејзиното срце. Вдахната со мајчинска љубов, решила да му го изнесе случајот за својата ќерка. Мајката била цврсто решена да му ја изнесе својата неволја на Исуса. „Тој сигурно ќе го излекува нејзиното дете“ мислела таа. Барала помош од незнабожечките богови, но нејзините маки не биле ублажени. Така, од време на време Доаѓала во искушение да се запраша: „Што може да направи тој еврејски учител за мене?“ Меѓутоа, до неа стигнале гласови дека Тој лекува од секаква болест, без оглед на тоа дали оние што бараат помош од Него се богати или сиромашни. Одлучила да не ја пропушти својата единствена надеж. {КВ 399.2}

Христос знаел за ситуацијата на таа жена. Знаел дека таа душа копнее по Него и дошол на патеката по која одела таа. Помагајќи и во нејзината жалост, Тој можел живо да ја прикаже поуката што сакал луѓето да ја научат. Поради тоа ги довел Своите ученици во таа област. Сакал тие да видат какво незнаење постои по градовите и селата во близина на израелската земја. Луѓето на кои им биле овозможени сите можности да ја сфатат вистината, не знаеле за неволјите на оние што се наоѓале околу нив. Никој не се трудел да им помогне на душите во темнина. Ѕидот на поделба, кој го подигнала еврејската горделивост ги спречувал и учениците да чувствуваат наклонетост кон незнабожечкиот свет. Но тие препреки ќе бидат срушени. {КВ 400.1}

Христос не одговорил веднаш на молбата на таа жена. Тој ја прифатил оваа претставничка на една презрена раса онака, како што би го направиле тоа Евреите. Со ова сакал учениците да бидат импресионирани со студениот и бездушен начин на кој Евреите би постапиле во таков случај, покажувајќи го тоа со начинот на кој ја примил жената, како и сочувствителниот начин со кој Тој посакува тие да постапуваат со таква личност во неволја, каков што Тој манифестирал, кој го открил услишувајќи ја подоцна нејзината молба. {КВ 400.2}

Иако Исус веднаш не и одговорил, жената не ја загубила верата. Кога Тој поминал покрај неа, правејќи се дека не ја слуша, таа тргнала по Него, не престанувајќи со своите молби. Сметајќи дека таа им додева, учениците барале од Исуса да ја отпушти. Виделе како нивниот Учител постапува рамнодушно кон неа и затоа претпоставувале дека му годеле еврејските предрасуди кон Хананците. Меѓутоа личноста кон која оваа жена упатувала молба бил сочувствителниот Спасител и одговарајќи на барањето на учениците, Исус рекол: „Јас сум пратен само кај изгубените овци на домот Израелев". Иако изгледало дека Неговиот одговор е во склад со еврејските предрасуди, тој содржел прекор за учениците, кој тие подоцна го разбрале и кој ги потсетувал на она што Тој често им го зборувал дека дошол на светот за да ги спаси сите оние што ќе го примат. {КВ 400.3}

Жената го изнесувала својот случај со уште поголема срдечност, поклонувајќи се пред Исусовите нозе и извикувајќи: „Господе, Помогни ми!" Иако навидум ги одбивал нејзините молби во сообразност со бесчувствителните еврејски предрасуди, Исус и одговорил: „Не е право да се земе лебот од децата и да им се фрли на кучињата". Тоа всушност значело дека не е праведно благословите, доделени на Божјиот благословен народ, да се растураат и да им се даваат на странците и туѓинците во Израел. Овој одговор целосно би обесхрабрил некој помалку срдечен молител. Меѓутоа, оваа жена видела дека настапила можноста што ја чекала. Под наводното Исусово одбивање, таа забележала сомилост која Тој не можел да ја сокрие. Таа одговорила: „Да, Господе! Но и кучињата јадат од трошките што паѓаат од трпезата на нивните господари". Децата во семејството јадат на татковата трпеза, но ниту кучињата не остануваат ненахранети. Тие имаат право на трошките што обилно паѓаат од трпезата. Според тоа, кога толкави благослови му се даваат на Израел, зар не преостанал еден благослов и за неа? Ако на неа се гледа како на пес, зар тогаш како таква нема ли право на една трошка од Неговото изобилство? {КВ 401.1}

Исус непосредно пред тоа се одвоил од Своето поле на работа затоа што книжевниците и фарисеите настојувале да му го одземат животот. Тие се жалеле и приговарале. Покажувале неверие и огорченост и го одбивале спасението што толку изобилно им се нудело. Сега Христос наишол на една жена што припаѓала на еден несреќен и презрен народ, кому не му била дадена светлината на Божјата Реч. Сепак,

таа веднаш се покорила на Христовото божествено влијание и цврсто верувала дека Тој е во можност да ја услиши нејзината молба. Молела за трошките што паѓаат од трпезата на Господарот. Ако можела да има привилегија на куче, била подготвена да биде сметана за куче. Никакви национални или верски предрасуди или горделивост не влијаеле на нејзиното однесување и таа веднаш го признала Исуса како Спасител, Кој е во состојба да направи сè што таа побарала од Него. {КВ 401.2}

Спасителот бил задоволен. Нејзината вера во Него издржала одредена проба. Со Својата постапка кон неа, Тој покажал дека таа жена, која била отфрлена од Израел, веќе не е туѓинка, туку рамноправно дете на Божјото семејство. Како таква, таа има право да учествува во даровите на Таткото. Тогаш Христос ја услишил нејзината молба и така ја завршил поуката за учениците. Свртувајќи се кон неа со израз на сожалување и љубов, и рекол: „О, жено, голема е твојата вера, нека ти биде по желбата твоја". Од тој момент нејзината ќерка оздравела. Лошиот дух не ја вознемирувал повеќе. Жената се оддалечила, признавајќи го својот Спасител, среќна што е примена нејзината молитва. {КВ 401.3}

Тоа било единственото чудо што го направил Исус за време на тоа патување. Само поради тоа Тој дошол до границите на Тир и Сидон. Сакал да и помогне на несреќната жена и истовремено да даде пример за Своето дело на милост кон припадниците на еден презрен народ, за корист на Неговите ученици, кога Тој веќе нема да биде со нив. Тој сакал Неговите ученици да ја отфрлат својата еврејска исклучивост и во нив да разбуди желба да се залагаат за другите, а не само за својот народ. {КВ 402.1}

Исус копнеел по тоа да ги открие длабоките тајни на вистината, кои биле скриени со векови и според кои незнабошците треба да бидат сонаследници со Евреите и „преку евангелието да бидат соучесници во Неговото ветување". (Ефесјаните 3:6) Таа вистина учениците бавно ја примале, а божествениот Учител им давал поука по поука. Наградувајќи ја верата на капетанот во Капернаум и проповедајќи го евангелието на жителите во Сихар, Тој веќе им покажал дека не ја прифаќа еврејската нетрпеливост. Меѓутоа, Самарјаните имале извесно познавање за Бога, а капетанот покажал љубезност кон Израел. Сега, Исус ги довел Своите ученици во допир со една таква незнабошка која, според нивно мислење, немала причина да биде над кој било друг од нејзиниот народ и да очекува милост од Него. Сакал со личен пример да покаже како треба да се постапува со секој таков случај. Учениците сметале дека Исус премногу дарежливо ги давал даровите на Својата благодат. Тој сакал да покаже дека Неговата љубов не се ограничува само на една раса или на еден народ. {КВ 402.2}

Кога рекол „Јас сум испратен само кај изгубените овци на домот Израелев" ја изнел вистината, а со своето дело за Хананката ја извршил Својата мисија. Таа жена била една од изгубените овци што Израел треба да ги спаси. Христос го извршувал делото што ним им било наменето, делото кое тие го запоставувале. {КВ 402.3}

Таа постапка уште поцелосно им укажала на учениците на делото кое им претстоело меѓу незнабошците. Тие го виделе широкото поле на дејност надвор од Јудеја. Ги виделе душите чии страдања им биле непознати на оние што биле поблагословени. Меѓу оние, кои тие биле поучени да ги презираат, се наоѓале души исполнети со копнеж за помош од силниот Исцелител, души кои биле гладни за светлината на вистината, која толку обилно им била дадена на Евреите. {КВ 402.4}

Подоцна, кога Евреите уште поупорно се оттргнувале од учениците, бидејќи тие тврделе дека Исус е Спасител на светот и кога со Христовата смрт бил срушен ѕидот на поделбата помеѓу Евреите и незнабошците, таа поука, заедно со сличните вистини што

укажувале на евангелското дело без оглед на обичаите и народноста, имала силно влијание на Христовите претставници во насочување на нивната работа. {КВ 402.5}

Посетата на Спасителот на Феникија и чудото што било извршено тука, имале уште една подлабока намера. Делото не било извршено само за несреќната жена, ниту само за Неговите ученици и оние за кои тие се залагале, туку исто така „за да верувате дека Христос е Син Божји и верувајќи да имате живот преку Неговото име". (Јован 20:31) Оние исти сили, кои ги одвојувале луѓето од Христа пред осумнаесет векови делуваат и денес. Сè уште е активен духот што го подигнал ѕидот на поделбата помеѓу Евреите и незнабошците. Горделивоста и предрасудите подигнале силни ѕидови на класна поделеност. Христос и Неговата мисија често погрешно се прикажуваат и многумина сметаат дека се исклучени од евангелското дело. Меѓутоа, тие не треба да се чувствуваат исклучени од Христа. Не постои ниту една препрека која човекот или сатаната би можеле да ја подигнат, а која верата не би можела да ја совлада. {КВ 403.1}

Жената од Феникија со вера се спротивставила на бариерите кои биле подигнати помеѓу Евреите и незнабошците. Наспроти обесхрабрувањето, не гледајќи на надворешните знаци кои би можеле да ја наведат да се посомнева, таа се надевала во љубовта на Спасителот. Христос сака и ние така да се надеваме во Него. Благословите на спасението се наменети за секоја душа. Ништо друго, освен сопствениот избор може да го спречи човекот да не стане учесник во Христовите ветувања преку евангелието. {КВ 403.2}

На Бога му се омразени поделбите по класи меѓу луѓето. Тој го игнорира сето она што е од таков карактер. Во Неговите очи душите на сите луѓе имаат иста вредност. Тој „сиот човечки род го извел од еден човек, за да живее по лицето на целата Земја, одредувајќи им на луѓето одредени времиња и граници на нивните живеалишта, со цел да го бараат Бога и на некој начин да го напипаат и да го најдат, иако Тој не е далеку од ниеден од нас". Без оглед на разликите во поглед на годините, положбата, националноста или верските привилегии, сите се повикани да дојдат кај Него и да живеат. „Секој кој верува во Него, нема да се посрами. Бидејќи нема разлика". „Нема веќе ни Евреин ниту Грк; нема веќе роб ниту слободен". „Богатиот и сиромавиот се среќаваат еден со друг; обајцата ги создал Господ". „Господ е еден и ист за сите, богат за сите што го призиваат, зашто секој што ќе го повика името Господово ќе се спаси". (Дела 17:26,27; Галатјаните 3:28; Изреки 22:2; Римјаните 10:11-13) {КВ 403.3}

44. ВИСТИНСКИ ЗНАК

Оваа поглавје е засновано на Матеј 15:29-39; 16:1-12; Марко 7:31-37; 8:1-21.

„И кога излезе пак од пределите на Тир, дојде преку Сидон на Галилејското Море, низ пределите на Декаполис". (Марко 7:31) {КВ 404.1}

Тука биле излекувани двајцата што биле обземени од лоши духови. Тука народот, вознемирен поради уништувањето на свињите, го принудил Исуса да замине од нивниот крај. Меѓутоа, тие ги слушале гласниците кои Тој ги оставил зад Себе и во нив се разбудила желбата да го видат. Кога повторно се вратил во тој регион, околу Него се собрало мноштво народ и кај Него бил доведен еден глув човек кој пелтечел. Исус не го излекувал овој човек само со еден збор, како што правел вообичаено. Издвојувајќи го од народот, Тој ги ставил Своите прсти во неговите уши и му го допрел јазикот.

Погледнувајќи кон небото, воздивнал при помислата на ушите што нема да се отворат за вистината и на јазиците што не сакале да го признаат Спасителот. На зборовите: „Отвори се“ на човекот му се вратила моќта на говорот и тој, не обрнувајќи внимание на заповедта никому ништо да не зборува, насекаде раскажувал за тоа како бил излекуван. {КВ 404.2}

Исус отишол на една гора и тука околу Него се собрале мноштво луѓе, кои донесувале болни и хроми и ги ставале пред Неговите нозе. Сите ги излекувал, а луѓето, иако биле незнабошци го славеле Израелевиот Бог. Три дена се туркале околу Спасителот, спиејќи ноќе под ведро небо, а собирајќи се цел ден околу Христа, желни за да ги слушаат Неговите зборови и да ги гледаат Неговите дела. При крај на третиот ден им снемало храна. Исус не сакал да ги отпушти гладни, па им рекол на Своите ученици да им дадат храна. Учениците повторно го покажале своето неверие. Во Витсаида имале можност да видат како со Христов благослов, нивната малечка резерва била доволна да го нахрани мноштвото; Сепак, сега не изнеле сè што имаат со доверба дека Неговата сила ќе го умножи тоа за гладното мноштво. Покрај тоа, оние што ги нахранил во Витсаида биле Евреи, додека овие биле незнабошци. Еврејските предрасуди сè уште биле силни во срцата на учениците, па тие му одговориле на Исуса: „Од каде може човек сите овие да ги нахрани со леб, овде во пустинава?“ Сепак, тие се покориле на Неговата Реч и му донеле сè што имале седум лебови и две риби. Сите се наситиле и преостанале седум големи кошници. Така биле закрепнати четири илјади мажи, освен жени и деца, и Исус ги пуштил со весели и благодарни срца. {КВ 404.3}

Тогаш со Своите ученици влегол во еден чамец и преминал преку езерото во Магдала, на јужниот крај на Генисаретската низина. На границата меѓу Тир и Сидон бил освежен од довербата на една Сирофеникanка. Незнабошците од Декаполис радосно го примиле. Сега, кога повторно стигнал во Галилеја, каде што Неговата сила се манифестирала на највпечатлив начин, каде што извршил најголем број од Своите дела на милост и каде го поучувал народот, го дочекале со презриво неверие. {КВ 405.1}

На една група фарисеи им се придружиле претставниците на богатите и достоинствени садукеи партијата на свештениците, скептиците и народните благородници. Овие две секти биле во огорчено непријателство. Садукеите и се додворувале на власта за да ја сочуваат својата положба и авторитет. Фарисеите од друга страна, ја поттикнувале народната омраза против Римјаните, копнеејќи по времето, кога ќе бидат во состојба да го отфрлат јаремот на освојувачот. Меѓутоа, сега садукеите и фарисеите се обединиле против Христа. Сличните се привлекуваат и злото, каде и да постои, се здружува со злото за да се уништи доброто. {КВ 405.2}

Сега фарисеите и садукеите дошле кај Спасителот, барајќи од Него видлив знак од Небото. Кога во времето на Исус Навин, Израелците тргнале во борба против Хананците кај местото Веторон, на заповед на водачот сонцето запрело додека не била извојувана победа, и во нивната историја се случиле многу слични чуда. Некој таков знак тие барале од Исуса. На Евреите не им биле потребни никакви знаци. Ним не можел да им користи никаков надворешен доказ. Она што им било потребно не било просветлување на разумот, туку духовна обнова. {КВ 406.1}

„Лицемери“ рекол Исус, „изгледот на небото можете да го распознавате“ преку гледање во небото тие можеле да го претскажат времето „но не можете ли да ги распознаете знаците на времето?“ Христовите зборови, изговорени со сила на Светиот Дух која го открила нивниот грев, претставувале знак што го дал Бог заради нивно спасение. Дадени се и знаци непосредно од Небото за да се потврди Христовата мисија.

За него сведочеле песната на ангелите упатена до пастирите, ѕвездата што ги водела мудреците, гулабот и Гласот од небото при Неговото крштевање. {КВ 406.2}

„Тој воздивна длабоко во Својот дух и рече: Зошто ова поколение бара знак?“ „Но нема да му се даде знак, освен знакот на пророкот Јона”. „Како што Јона поминал три дена и три ноќи во стомакот на китот,“ Христос ќе помине исто толку време „во срцето на земјата”. Како што проповедањето на Јона било знак за жителите на Ниневија, така Христовото проповедање било знак за Неговата генерација. Меѓутоа, колку различно била примена Речта! Народот на големиот незнабожечки град затреперил, кога го слушнал Божјото предупредување. Царот и благородниците се понизиле; луѓето на висока и ниска положба во општеството повикале кон небесниот Бог, Кој бил милостив кон нив. „Ниневјаните ќе излезат на суд со ова поколение“ рекол Исус, „и ќе го осудат, зашто тие се покајаа, кога ја слушнаа проповедта на Јона. А еве, овде е некој поголем од Јона”. (Матеј 12:40,41) {КВ 406.3}

Секое чудо што го извршил Христос било знак за Неговото божество. Тој ги правел токму оние дела што биле претскажани за Месијата, но за фариseите овие дела на милост претставувале директна соблазна. Еврејските водачи биле рамнодушни и нечувствителни кон човечките страдања. Во многу случаи нивната себичност и угнетување било причина за неволјата, која ја отстранил Христос. Затоа Неговите чуда претставувале прекор за нив. {КВ 406.4}

Она што ги навело Евреите да го отфрлат делото на Спасителот претставувало највозвишен доказ за Неговиот божествен карактер. Најголемото значење на Неговите чуда се состои во фактот дека тие чуда биле благослов за човештвото. Највозвишениот доказ за тоа дека Тој дошол од Бога било тоа што Неговиот живот го откривал Божјиот карактер. Тој правел Божји дела и зборувал Божји зборови. Таквиот живот е најголемо од сите чуда. {КВ 406.5}

Денес, кога се објавува веста на спасението, има многумина, кои како Евреите извикуваат: „Покажи ни знак. Направи некое чудо”. Христос не направил никакво чудо на барање на фариseите. Тој не направил никакво чудо во пустината, како одговор на сатанските инсинуации. Тој не ни дава никаква моќ да се оправдаме себеси или да ги задоволуваме барањата на неверието и гордоста. Меѓутоа, евангелието не е без знак за своето божествено потекло. Зар не е чудо што можеме да се ослободиме од ропството на сатаната? Непријателството кон сатаната не е природно за човечкото срце, туку се добива преку Божјата благодат. Кога човекот што бил потчинет на упорната самоволност ќе се ослободи од тоа и со цело срце ќе се потчини на привлекувањето на Божјите небесни сили, зар тоа не е вистинско чудо? Истото се случува, кога човекот што бил под силна измама ќе ја сфати моралната вистина. Секогаш, кога една душа ќе се обрати и учи да го љуби Бога и да ги почитува Неговите заповеди тогаш се исполнува Божјото ветување: „Ќе ви дадам ново срце и нов дух ќе вдахнам во вас”. (Езекиел 36:26) Промената на човечкото срце, преобразувањето на човечкиот карактер тоа е чудото што го открива Спасителот, Кој секогаш живее и Кој се залага за спасение на душата. Доследниот живот во Христа е големо чудо. Во проповедање на Божјата Реч, знакот што треба да се манифестира денес и секогаш е присуството на Светиот Дух, така што Речта ќе има моќ на преобразување на оние кои ја слушаат. Тој е Божји сведок пред светот за божествената мисија на Неговиот Син. {КВ 407.1}

Срцата на оние кои од Исуса барале знак биле толку стврднати во неверие, што во Неговиот карактер не забележувале сличност со Бога. Тие не сакале да видат дека Неговата мисија претставува исполнување на Светото Писмо. Во приказната за богатиот

човек и Лазар, Исус им рекол на фарисеите: „Ако не ги слушаат Мојсеј и пророците, нема да бидат убедени дури и ако некој воскресне од мртвите”. (Лука 16:31) На таквите не би можел да им користи никаков знак ниту на небото, ниту на Земјата. {КВ 407.2}

Исус „воздивна длабоко во Својот дух“ и завртувајќи се од групата на ситничари, повторно влегол во чамецот со Своите ученици. Во тажна тишина повторно преминале преку езерото. Меѓутоа, тие не се вратиле на местото од каде што тргнале, туку се упатиле кон Витсаида, во близина на местото каде што биле нахранети пет илјади луѓе. Кога преминале на другата страна, Исус рекол: „Внимавајте и чувајте се од квасецот фарисејски и садукејски”. Уште од времето на Мојсеј, Евреите имале обичај за време на Пасха да не чуваат квасец во своите домови и така биле поучени дека квасецот е симбол на гревот. Сепак, учениците не сфатиле што всушност Исус сакал да каже. Заминувајќи ненадејно од Магдала, тие заборавиле да понесат леб, така што со себе имале само една векна леб. Тие мислеле дека Христос го напомнува тоа за да ги предупреди да не купуваат леб кај фарисеите и садукеите. Недостатокот на вера и духовно разбирање често ги наведувал погрешно да ги толкуваат Неговите зборови. Сега Исус ги прекорил што помислиле дека Тој, Кој нахранил илјадници со неколку риби и јачменови лебови, во оваа свечена опомена посочил само на земната храна. Постоела опасност фарисеите и садукеите со своите лукави зборови да внесат квасец на неверие во учениците, наведувајќи ги лекомислено да ги сфатат Христовите дела. {КВ 407.3}

Учениците биле склони да веруваат дека нивниот Учител требало да го задоволи барањето во поглед на знак од небото. Тие биле убедени дека Тој е во состојба да го направи тоа и дека таквиот знак би ги замолкнал Неговите непријатели. Тие не го распознале лицемерието на овие ситничари. {КВ 408.1}

По неколку месеци, „кога се собрало големо мноштво народ, така што се газеа едни со други,“ Исус го повторил истото учење. „Тогаш почна да им зборува најпрво на Своите ученици: ‘Пазете се од квасецот фарисејски, кој е лицемерие’”. (Лука 12:1) {КВ 408.2}

Квасецот ставен во тестото делува незабележливо, менувајќи го тестото во сообразност со својата природа. Ако во срцето постои лицемерие, тоа се проткајува низ карактерот и животот. Христос веќе истакнал еден впечатлив пример на фарисејско лицемерие, кога го осудил обичајот „Корван“ со кој запоставувањето на должностите на синот се прикривале со наводната дарежливост кон храмот. Книжевниците и фарисеите незабележително подметнувале лажни начела. Тие ја прикривале вистинската природа на своите доктрини и ја користеле секоја можност вешто да ја втиснат во душите на своите слушатели. Овие лажни начела, ако се прифатат делуваат како квасец во тестото и го проткајуваат и менуваат карактерот. Поради тоа лажно учење на народот му било толку тешко да ги прими Христовите зборови. {КВ 408.3}

Истите влијанија и денес делуваат преку оние што се обидуваат да го објаснат Божјиот закон, така што ќе го прилагодат на своите постапки. Оваа класа на луѓе не го напаѓаат законот отворено, туку шират шпекулативни теории кои ги поткопуваат неговите начела. Тие го објаснуваат законот, така што ја уништуваат неговата сила. {КВ 408.4}

Лицемерието на фарисеите било производ на нивната себичност. Целта на нивниот живот била да се прославуваат самите себеси. Тоа ги навело да го извртуваат и погрешно да го толкуваат Светото Писмо и ги заслепило, така што не ја виделе целта на Христовата мисија. Дури и Христовите ученици се наоѓале во сериозна опасност да го негуваат тоа подмолно зло. Забелешките на фарисеите во голема мера влијаеле и на

оние кои се вбројувале како Негови следбеници, но кои не се откажале од сè за да станат Негови ученици. Тие честопати се колебале помеѓу верата и неверието и не ги забележувале ризниците на мудрост скриени во Христа. Дури и учениците, иако навидум се откажале од сè заради Христа, не престанале во срцето да посакуваат да постигнат нешто големо. Тој дух предизвикал расправа околу тоа кој треба да биде најголем. Тој дух се испречил меѓу нив и Христа и поради тоа имале толку малку разбирање за Неговата самопожртвувана мисија, така што бавно ја сфаќале тајната на откупувањето. Како што квасецот, доколку се дозволи да ја заврши својата работа ќе предизвика расипување и распаѓање, така и себичниот дух, доколку се негува, доведува до сквернавење и пропаст на душата. {КВ 409.1}

Меѓу следбениците на нашиот Господ и денес како и порано, е распространет тој подмолен, измамлив грев! Колку често и нашата служба за Христа и нашата заедница еден со друг, е нарушена со тајната желба за самоиздигнување! Колку лесно Доаѓа мислата за самофалење и копнежот за човечко одобрување! Самољубието и склоноста кон полесен живот од оној што го одредил Бог доведуваат до тоа човечките традиции и теории да доаѓаат на местото на божествените прописи. Христос им упатил зборови на предупредување на Своите ученици: „Внимавајте и чувајте се од квасецот фарисејски”. {КВ 409.2}

Христовата вера е искрена. Ревноста за Божјата слава е поттик всаден од Светиот Дух, и само успешното делување на Духот може да го всади тој поттик. Само Божјата сила може да ја истера себичноста и лицемерието. Оваа промена е знак за Неговото влијание. Кога верата што ја примаме ќе ги уништи себичноста и преправањето, кога ќе не наведе да ја бараме Божјата слава, а не својата, тогаш можеме да бидеме сигурни дека тоа е вистинскиот пат. „Татко, прослави го Своето име“ (Јован 12:28), било основно начело на Христовиот живот, и ако ние го следиме Него, тоа ќе биде основно начело и во нашиот живот. Тој ни заповеда „да живееме како што живеел Тој,“ и „по тоа знаеме дека го познаваме, ако ги држиме Неговите заповеди”. (1. Јованово 2:6,3) {КВ 409.3}

45. НАВЕСТУВАЊЕ НА КРСТОТ

Оваа поглавје е засновано на Матеј 16:13-28; Марко 8:27-38; Лука 9:18-27.

Христовото дело на Земјата брзо се приближувало кон крајот. Пред Неговите очи сликовито се откривале сцените кон кои оделе Неговите чекори. Уште пред да земе на Себе човечки облик, Тој ја согледал целата должина на патот што мора да го помине, за да го спаси она што е загубено. Секоја болка што му ја ранувала душата, секоја навреда што му била нанесена, секоја тешкотија што морал да ја поднесе сето тоа Тој го видел пред да ја положи Својата круна и царската облека и пред да слезе од престолот за да го облече Своето божество во човечка природа. Пред Неговите очи се протегал целиот пат, од јаслите до Голгота. Тој знаел какви душевни маки ќе го снајдат. Сето тоа го знаел, а Сепак рекол: „Еве Доаѓам, во книгата е запишано за Мене: ‘Наоѓам задоволство да ја вршам Твојата волја, Боже мој; законот Твој е во Моето срце’”. (Псалм 40:7,8) {КВ 410.1}

Секогаш пред Себе ги гледал резултатите на Својата мисија. Изгледите дека сите тие маки нема да бидат напразни го разведрувале Неговиот земен живот, исполнет со тешкотии и самопожртвување. Давајќи го Својот живот заради животот на луѓето, Тој ќе

го придобие светот повторно кон нивната верност кон Бога. Иако прво морал да прими крштевање со крв, иако гревовите на светот ја притискале Неговата невина душа, иако над Него лебдела сенката на неискажливи страдања, Сепак, поради радоста која била пред Него, одлучил да го претрпи крстот и да го презре срамот. {КВ 410.2}

Сцените што Тој ги видел, сè уште биле скриени од избраните соработници во Неговата служба, но бил блиску моментот, кога тие ќе мораат да ја гледаат Неговата агонија. Тие ќе мора да видат како Оној, Кого го љубеле и во Кого се надевале е предаден во рацете на Неговите непријатели и како виси на Голготскиот крст. Наскоро ќе мора да ги остави сами во светот, без утеха на Неговото видливо присуство. Тој знаел како ќе ги прогонува огорчената омраза и неверие и сакал да ги подготви за нивните неволји. {КВ 410.3}

Исус и Неговите ученици дошле во еден од градовите околу Ќесарија Филипова. Биле надвор од границите на Галилеја, во областа во која преовладувало идолопоклонството. Тука учениците не се наоѓале под силното влијание на јудаизмот и дошле во поблизок допир со идолопоклонството. Тука можеле да се видат облици на суеверие, кои постоеле во сите делови на светот. Исус сакал, кога тие ќе го видат тоа, да бидат водени да ја почувствуваат својата должност кон незнабошците. За време на Својот престој во таа област, Тој настојувал да се повлече од поучување на народот и поцелосно да им се посвети на Своите ученици. {КВ 411.1}

Имал намера да ги извести за страдањата кои му претстоеле. Меѓутоа, прво отишол насамо и се молел нивните срца да бидат подготвени да ги примат Неговите зборови. Откако им се придружил, Тој веднаш не им го соопштил она што сакал да им го каже. Пред да го направи тоа, Тој им дал можност да ја исповедаат Својата вера во Него, за да зајакнат за идните неволји. „Што велат луѓето, кој е Синот Човечки?“ - прашал Тој. {КВ 411.2}

Учениците со жалење морале да го признаат фактот дека Израел не го препознал својот Месија. Некои навистина, кога ги виделе Неговите чуда, објавиле за Него дека е Давидов Син. Мноштвото што било нахрането во Витсаида копнеело да го прогласи за цар на Израел. Многумина биле подготвени да го примат како пророк, но не верувале дека Тој е Месијата. {КВ 411.3}

Сега Исус поставил друго прашање што се однесувало на самите ученици: „А вие, што мислите, кој сум Јас?“ Петар одговорил: „Ти си Христос, Синот на живиот Бог”. {КВ 411.4}

Петар уште од почеток верувал дека Исус е Месијата. Многу други, кои биле осведочени од проповедањето на Јован Крстителот и кои го прифатиле Христа, почнале да се сомневаат во Јовановата мисија, кога тој бил фрлен в затвор и бил погубен, а сега се сомневале дека Исус бил Месијата, Кој толку долго го очекувале. Многу ученици кои желно очекувале Исус да го заземе Своето место на Давидовиот престол го напуштиле, кога согледале дека Тој нема таква намера. Меѓутоа, Петар и неговите другари не се одвратиле од својата приврзаност. Колебливоста на оние кои вчера славеле, а денес осудувале, не ја уништила верата на вистинските следбеници на Спасителот. Петар изјавил: „Ти си Христос, Синот на живиот Бог”. Тој не чекал неговиот Господ да го крунисаат со царско достоинство, туку го примил Него во Неговата понизност. {КВ 411.5}

Петар ја изразил верата на дванаесетминатa. Меѓутоа, учениците сè уште биле далеку од тоа да ја сфатат Христовата мисија. Спротивставувањето и искривоколчувањето од страна на свештениците и поглаварите не можеле да ги одвратат од Христа, но Сепак им причинувале големи забуни. Тие не го гледале јасно

својот пат. Влијанието на поранешното воспитување, учењето на рабините и силата на традициите, сè уште не им дозволувале јасно да ја видат вистината. Од време на време ги осветлувале драгоцените зраци на Христовата светлина, но често се однесувале како луѓе кои тапкаат во темнина. Меѓутоа, оној ден, пред да бидат соочени со големата проба на својата вера, Светиот Дух во сила се излеал врз нив. Нивните очи за кратко време се одвоиле од она „што е видливо“ за да го гледаат „она што е невидливо”. (2. Коринтјаните 4:18) Под човечкиот лик тие ја препознале славата на Божјиот Син. {КВ 412.1}

Исус му одговорил на Петар: „Блажен си ти Симоне, сине Јонин, зашто тело и крв не ти го откриј тоа, туку Мојот Татко, Кој е на Небото”. {КВ 412.2}

Вистината што ја искажал Петар претставува темел на верата на верникот. Тоа е она за што Христос кажал дека е вечен живот. Сепак поседувањето на тоа знаење не било причина за самопрославување. Тоа не му се открило на Петар заради неговата сопствена мудрост или добрина. Човекот никогаш не може со сопствени сили да дојде до сознание за божественото. „Повисоко е од небото: што можеш да сториш? Подлабоко е од пеколот: што можеш да дознаеш?“ (Јов 11:8) Единствено духот на посинувањето може да ни ги открие Божјите длабочини, „што окото не видело, што увото не чупо, ниту пак човечкото срце помислило”. „А нам тоа ни го открил Бог преку Неговиот Дух, зашто Духот испитува сè, па дури и Божјите длабочини”. (1. Коринтјаните 2:9,10) „Тајната Господова е со оние што се бојат од Него“, а Петровото препознавање на Христовата слава било доказ дека тој бил „поучен од Бога”. (Псалм 25:14; Јован 6:45) Ех, навистина, „блажен си ти Симоне, сине Јонин, зашто тело и крв не ти го откриј тоа, туку Мојот Татко, Кој е на Небото”. {КВ 412.3}

„А Јас ти кажувам“ продолжил Исус, „дека ти си Петар и на оваа карпа Јас ќе ја изградам Мојата црква и портите на пеколот нема да ја надвладеат”. Зборот Петар значи камен, камен што се тркала. Петар не бил карпата на која е втемелена црквата. Портите на пеколот го надвладеале, кога со клетви и пцовки се откажал од својот Господ. Црквата е изградена врз Оној, Кого портите на пеколот не можеле да го надвладеат. {КВ 412.4}

Многу векови пред Христовото доаѓање, Мојсеј укажал на Карпата на Израелевото спасение. Псалмистот пеел за „мојата силна Карпа”. Исаија напишал: „Вака вели Господ Бог: ‘Поставувам во Сион за основа камен, испробан камен, скапоцен камен аголен, темелен’”. (Второзаконие 32:4; Псалм 62:7; Исаија 28:16) Самиот Петар, пишувајќи под вдахновение го применил ова пророштво на Исуса. Тој кажува: „Ако сте вкусиле дека Господ е добар; пристапете кон Него, Живиот камен, Кого навистина луѓето го отфрлија, но Кој е од Бога избран, скапоцен, па и вие самите како живи камења, изградувајте се како духовно здание”. (1. Петрово 2:3-5) {КВ 413.1}

„Никој не може да постави друг темел, освен оној што е веќе поставен, а тоа е Исус Христос”. (1. Коринтјаните 3:11) „На оваа карпа“ рекол Исус, „ќе ја изградам Мојата црква”. Во присуство на Бога и сите небесни суштества, во присуство на невидливите војски на пеколот, Христос ја основал Својата црква врз живата Карпа. Карпата е самиот Тој Неговото тело, мачено и рането заради нас. Портите на пеколот не можат да ја надвладеат црквата сосидана на овој темел. {КВ 413.2}

Колку слаба изгледала црквата, кога Христос ги изговорил овие зборови! Постоеле само неколку верници против кои се дигнала сета сила на демоните и злите луѓе. Меѓутоа, Христовите следбеници немале од што да се плашат. Сосидани на Карпата на нивната сила, тие не можеле да бидат надвладеани. {КВ 413.3}

Верата се темели на Христа во текот на шест илјади години. Шест илјади години поплавите и виорот на сатанскиот гнев навалуваат на Карпата на нашето спасение, но таа останала цврста. {КВ 413.4}

Петар ја изговорил вистината која претставува темел на верата на црквата и Исус му укажал чест како на претставник на сите верници. Тогаш Христос рекол: „Тебе ќе ти ги дадам клучевите од небесното царство, па сè што ќе сврзеш на Земјата, ќе биде сврзано и на небесата, а сè што ќе разврзеш на Земјата, ќе биде разврзано и на небесата". Верата се темели на Христа во текот на шест илјади години. Шест илјади години поплавите и виорот на сатанскиот гнев навалуваат на Карпата на нашето спасение, но таа останала цврста. {КВ 413.5}

„Клучеви од небесното царство" тоа се Христовите зборови. Сите зборови на Светото Писмо се Негови и се опфатени со ова. Тие зборови имаат сила да го отворат и затворат небото. Тие ги откриваат условите под кои луѓето се примаат или отфрлаат. Така делото на оние кои го проповедаат евангелието е животен мирис за живот или смртен мирис за смрт. Нивната мисија се мери со вечни резултати. {КВ 413.6}

Спасителот не му го доверил делото на евангелието лично на Петар. Подоцна, повторувајќи ги зборовите што му ги изговорил на Петар, Тој ги аплицирал директно на црквата. И истото во суштина било изговорено на дванаесетминатa, како на претставници на сите верници. Ако Исус му одредил некоја посебна власт на еден од учениците над другите, ние не би читале за тоа како често се расправале кој од нив треба да биде најголем. Тие би се покориле на желбата на својот Господ и би го почитувале оној што Тој го одбрал. {КВ 414.1}

Наместо да именува еден кој ќе биде главен, Христос им рекол на учениците: „Не се нарекувајте Рави"; „ниту пак се нарекувајте учители, зашто имате само еден Учител Христос". (Матеј 23:8,10) {КВ 414.2}

„Христос е глава на секој маж". Бог, Кој се покорил под стапалата на Спасителот, „Него го постави за глава над сè во црквата, која е Негово тело полнина на Оној, Кој исполнува сè во сè". (1. Коринтјаните 11:3; Ефесјаните 1:22,23) Црквата е изградена на Христа како на свој темел; таа треба да му се покорува на Христа како на своја глава. Таа не смее да зависи од човек, ниту да биде под контрола на човек. Многумина тврдат дека некоја положба од доверба во црквата им дава право да диктираат во што треба другите да веруваат и што треба да работат. Бог не го одобрува ова тврдење. Спасителот вели: „Сите вие сте браќа". Сите се изложени на искушенија и сите можат да погрешат. Карпата на верата е Христовото живо присуство во црквата. На неа можат да се потпрат и најслабите, а оние кои се сметаат себеси за најсилни, ќе се покажат како најслаби, ако Христос не биде нивната сила. „Проклет да е оној човек што се потпира врз човек и слабото тело го смета за своја мишка". Господ „е Карпата и Неговото дело е совршено". „Благословени се оние кои се надеваат во Него". (Еремија 17:5; Второзаконие 32:4; Псалм 2:12) {КВ 414.3}

По признавањето на Петар, Исус им заповедал на учениците никому да не зборуваат дека Тој е Христос. Тој им го дал овој налог поради одлучното спротивставување на книжевниците и фарисеите. Но поголема причина било тоа што народот, па дури и учениците имале толку погрешна претстава за Месијата, така што јавното објавување на тоа име не би дало точен поим за Неговиот карактер или за Неговото дело. Меѓутоа, Тој од ден на ден им се откривал како Спасител и на тој начин сакал да им даде вистинско сфаќање за Себе како Месија. {КВ 414.4}

Учениците сè уште очекувале дека Христос ќе владее како земен цар. Иако Тој толку долго ги прикривал Своите намери, тие верувале дека Тој нема секогаш да остане во сиромаштија и непознатост, дека е близу денот, кога Тој ќе го воспостави Своето царство. Дека омразата на свештениците и рабините никогаш нема да биде совладана, дека Христос ќе биде отфрлен од Неговиот сопствен народ, дека Тој ќе биде осуден како измамник и распнат како злосторник такво нешто учениците никогаш не помислувале. Меѓутоа, се приближувал часот на силата на темнината, па Исус морал да им укаже на Своите ученици на судирот што им претстоел. Тој бил тажен, бидејќи ја очекувал претстојната неволја. {КВ 415.1}

До тој момент Исус се воздржувал да им каже на учениците нешто што би се однесувало на Неговото страдање и смрт. Разговарајќи со Никодим, Тој рекол: „Како Мојсеј што подигна змија во пустината, така мора да се издигне и Синот Човечки, та секој што верува во Него да не загине, туку да има живот вечен". (Јован 3:14,15) Меѓутоа, учениците не го слушнале тоа, а и да го слушнале, тие не би разбрале. Меѓутоа, сега биле околу Него, ги слушале Неговите зборови, ги набљудувале Неговите дела сè до моментот, кога и покрај скромноста на Неговите околности и спротивставувањето на свештениците и на народот му се придружиле на сведоштвото на Петар: „Ти си Христос, Синот на живиот Бог". Сега дошол моментот да се подигне превезот што ја прикривал иднината. „Оттогаш, Исус почна да им кажува на Своите ученици дека мора да оди во Ерусалим и да пострада многу од старешините, од главните свештеници и од книжевниците, и да биде убиен и дека на третиот ден ќе воскресне". {КВ 415.2}

Учениците слушале неми од болка и чудење. Христос го прифатил Петровото признавање за Него како Божји Син и сега Неговите зборови, кои укажувале на Неговите страдања и смрт изгледале несфатливи. Петар не можел да молчи. Го фатил својот Учител, како да сака да го заштити од тешката судбина што го очекувала, па извикал: „Боже сочувај! Тебе такво нешто не може да ти се случи!" {КВ 415.3}

Петар го сакал Господа, но Исус не го пофалил што на тој начин ја манифестирал желбата да го заштити од страдањето. Зборовите на Петар не можеле да му пружат на Исуса помош и утеха во големата неволја што му претстоела. Тие зборови не биле во согласност со Божјата цел на благодатта кон еден загубен свет, ниту со поуката за самопожртвување, која Исус дошол да ја даде со Својот сопствен пример. Во Христовото дело Петар не сакал да го види крстот. Впечатокот што го оставиле зборовите на Петар бил во целосна спротивност со впечатокот што Христос сакал да го остави во умот на Своите следбеници и затоа Спасителот бил принуден да го изговори еден од најострите прекори кои некогаш ги слушнале од Неговите усни; „Бегај од Мене сатано! Ти си соблазна за мене, зашто не мислиш за она што е Божјо, туку за она што е човечко". {КВ 415.4}

Сатаната се обидел да го обесхрабри Исуса и да го одврати од Неговата мисија, а Петар во својата слепа љубов давал поддршка на искушението. Кнезот на злото бил творец на тие мисли. Зад таа импулсивна изјава се наоѓал неговиот поттик. Сатаната во пустината му нудел на Христа да се откаже од Својот пат на понижување и жртвување нудејќи му да владее со овој свет. Сега во тоа исто искушение го довел Христовиот ученик. Тој се обидувал да го насочи погледот на Петар на земната слава, за да не може да го види крстот на кој Исус сакал да го насочи Својот ученик. И преку Петар, сатаната повторно го наметнувал тоа искушение врз Исуса. Но, Спасителот не го земал тоа во обзир; Неговите мисли биле за Неговиот ученик. Сатаната се испречил помеѓу Петар и неговиот Учител со цел да го спречи срцето на ученикот да не биде допрено со визијата

за Христовото понижување заради него. Христовите зборови не биле упатени на Петар, туку на оној, кој се обидувал да го одвои од неговиот Откупител. „Бегај од Мене, сатано". Не се поставувај повеќе помеѓу Мене и Мојот заблуден слуга. Јас сакам директно да му се обратам на Петар, за да му ја откријам тајната на Мојата љубов. {КВ 416.1}

За Петар тоа била горчлива поука, поука која тешко ја сфаќал дека Христовиот пат минува низ агонија и понижувања. Ученикот се стаписал при помислата да биде учесник во страдањата на својот Господ. Меѓутоа, во пламенот на огнот требало да го дознае благословот на тие страдања. Многу подоцна, кога неговото тело било свиткано под товарот на годините и работата, тој напишал: „Возљубени, не чудете се на огненото испитување што се појави меѓу вас, за да ве испита, небаре ви се случува нешто необично. Напротив, радувајте сè што сте учесници во Христовите страдања, за да можете да се радувате со преголема радост при откровението на Неговата слава". (1. Петрово 4:12,13) {КВ 416.2}

Исус сега им објаснил на Своите ученици дека Неговиот живот на самооткажување треба да биде пример за тоа каков треба да биде нивниот живот. Повикувајќи ги поблизу кон Себе учениците и народот што се наоѓал во близина, Тој рекол: „Ако некој сака да врви по Мене, нека се одрече од себе, нека го земе својот крст секојдневно и нека оди по Мене". Крстот бил знак на силата на Рим. Тој бил орудие на најсвиреп и најпонизен облик на смрт. Најлошите злосторници морале да го носат крстот до местото на кое се извршувала смртната казна и често, кога го поставувале врз нивните рамена, тие се спротивставувале со очајна сила, сè додека не биле совладани и орудието за мачење било приврзано за нив. Меѓутоа, Исус ги повикал Своите следбеници да го земат крстот и да го носат по Него. На учениците Неговите зборови, иако нејасно разбрани, посочувале кон нивната покорност на најогорченото понижување покорност дури до смрт заради Христа. Христовите зборови не можеле да илустрираат покомплетно самопредавање. Меѓутоа, Тој се согласил на сето тоа заради нив. Исус не сакал да остане на Небото, додека ние бевме загубени. Тој ги напуштил небесните дворови, за да живее живот на понижување и навреди и да умре со срамна смрт. Тој, Кој имал непроценливо богатство на Небото, станал сиромашен за ние да се збогатиме преку Неговата сиромаштија. Наша должност е да одиме по патот по кој Тој одел. {КВ 416.3}

Љубовта кон душите заради кои Христос умрел, значи дека себичноста мора да се распне. Оној кој е Божјо дете мора уште отсега да се смета себеси како алка во синџирот спуштен од Небото за спасение на светот, едно со Христа во Неговиот план на милост, одејќи напред со Него да ги бара и да ги спаси загубените. Христијанинот мора секогаш да биде свесен за тоа дека му се посветил на Бога и со својот карактер мора да го открива Христа на светот. Самопожртвуваноста, сочувството, љубовта манифестирани во Христовиот живот, мораат повторно да се манифестираат во животот на Божјиот работник. {КВ 417.1}

„Оној што сака да ја спаси душата своја, ќе ја загуби, а оној што ќе ја загуби душата своја заради Мене и евангелието, тој ќе ја спаси". Себичноста е смрт. Ниту еден орган во телото не би можел да живее доколку би служел само на себе. Срцето кое би престанало да испраќа крв на раката и главата брзо би ја загубило својата моќ. Како крвта во телото, така и Христовата љубов тече низ сите делови на Неговото симболично тело. Ние сме меѓусебно поврзани и онаа душа, која одбива да споделува, мора да

пропадне. „Каква полза има човекот“ рекол Исус, „ако го придобие сиот свет, а ја загуби својата душа? Или каков откуп може да даде човекот за својата душа?“ {КВ 417.2}

Зад сегашната сиромаштија и понижување, Тој им укажал на учениците за Своето доаѓање во слава, не во блесокот на земниот престол, туку со славата на Бога и на небесните војски. „И тогаш“ рекол Тој, „ќе му даде секому според неговите дела”. За да ги охрабри, го дал ова ветување: „Вистина, вистина ви велам, тука стојат некои, што нема да вкусат смрт, додека не го видат Синот Човечки како Доаѓа во Своето царство”. Меѓутоа, учениците не ги сфатиле Неговите зборови. Таа слава им изгледала многу далечна. Нивните погледи биле насочени на она што се наоѓало близу на земниот живот на немаштија, на понижувања и страдања. Зар мораат да се откажат од своите блескави надежи за царството на Месијата? Зар нема да видат како нивниот Господ е воздигнат на Давидовиот престол? Дали е можно Христос да живее како скромен бездомник и патник, за да биде презрен, отфрлен и погубен? Тага ги притискала нивните срца, бидејќи го љубеле својот Учител. Сомнежи ги мачеле нивните души, бидејќи им изгледало несфатливо Божјиот Син да биде изложен на толку свирепо понижување. Тие се прашувале зошто Тој доброволно би одел во Ерусалим да биде изложен на такво однесување за кое им зборувал дека треба да го поднесе. Како Тој може да се помири со таквата судбина, а нив да ги остави во темнина поголема од онаа во која се наоѓале пред Тој да им се открие? {КВ 417.3}

Според мислењето на учениците, Христос во областа Ќесарија Филипова бил надвор од досегот на Ирод и Кајафа. Тука Тој не морал да се плаши од омразата на Евреите, ниту од римската сила. Зошто не би работел тука, далеку од фарисеите? Зошто е потребно да се предаде Себеси на смрт? Ако треба да умре, како тогаш ќе биде воспоставено толку цврсто Неговото царство, што ниту портите на пеколот нема да можат да го надвладеат? За учениците тоа навистина била тајна. {КВ 418.1}

Сега тие патувале по должината на брегот на Галиелјското Езеро, кон градот каде што ќе бидат уништени сите нивни надежи. Не се осмелувале да му се спротивстават на Христа, но разговарале меѓу себе со тивок, тажен глас за тоа каква ќе биде иднината. Дури и во своето колебање, тие цврсто се држеле за мислата дека ќе се појават некои непредвидливи околности и ќе ја спречат несреќата што го очекувала нивниот Господ. Така, шест долги, тажни денови жалеле и се сомневале, се надевале и стравувале. {КВ 418.2}

46. ИСУСОВОТО ПРЕОБРАЗУВАЊЕ

Оваа поглавје е засновано на Матеј 17:1-8; Марко 9:2-8; Лука 9:28-36.

Се приближувала вечерта, кога Исус повикал кај Себе тројца Свои ученици Петар, Јаков и Јован и ги повел низ полињата и низ една камена патека до една осамена планинска падина. Спасителот и Неговите ученици го минале денот во патување и проповедање, и искачувањето на планината само уште повеќе го зголемил нивниот замор. Христос на многу страдалници им ги олеснил товарите на душата и телото, ја вратил животната сила во нивниот ослабен организам, но сега и самиот врзан со особините на човечката природа, одејќи по стрмната патека се изморил, како и Неговите ученици. {КВ 419.1}

Сонцето полека заоѓало, но сè уште го осветлувало врвот на планината и со својот сјај што венеел ја позлатувал патеката по која оделе тие. Меѓутоа, светлината брзо исчезнала од планинските врвови, како и од долината. Сонцето исчезнало зад западниот хоризонт и темнина ги обвиткала осамените патници. Темнината што ги опкружувала, како да била во склад со нивните животи исполнети со тага, околу кои почнале да се напластуваат и да се згуснуваат облаци. {КВ 419.2}

Учениците не се осмелувале да го прашаат Христа каде ги води и со каква намера. Тој често ги минувал ноќите во молитва на планините. Тој, чија рака ги создала планините и долините се чувствувал удобно во природата и уживал во нејзиното спокојство. Учениците оделе по Христа каде што Тој ги водел, но Сепак се прашувале зошто нивниот Учител ги води по таа мачна угорница, кога тие се уморни и кога Нему исто така му е потребен одмор. {КВ 419.3}

Конечно Христос им рекол дека нема да одат понатаму. Одвојувајќи се малку од нив, Човекот на болката ги излеал своите молитви со силни повици и солзи. Тој се молел за сила, за да може да ја издржи пробата во корист на човештвото. Тој чувствувал потреба со нова сила да се потпре на Семоќниот, бидејќи само на тој начин можел да размислува за иднината. Исто така, Тој ги излеал копнежите на Своето срце за Своите ученици, со цел во часот на силите на темнината да не се поколеба нивната вера. Роса паѓала на Неговото наведнато тело, но Тој не обрнувал внимание на тоа. Ноќната темнина станувала сè погуста, но Тој не обрнувал внимание на темнината. Така полека минувале часовите. На почетокот, учениците ги соединувале своите молитви со Неговата во искрена посветеност, но по извесно време, совладани од тешкиот замор сите заспале, иако се обидувале да останат будни и да го задржат вниманието на она што се случувало. Исус им кажал за Своите страдања; ги повел со Себе за да се обединат со Него во молитва, па дури и сега се молел за нив. Спасителот ја видел жалоста на Неговите ученици и копнеел да ја олесни нивната тага, уверувајќи ги дека нивната вера не била напразна. Дури и меѓу дванаесетминатa, сите не можеле да го примат откровението што Тој сакал да им го даде. Само тројца, кои требало да бидат сведоци на Неговите страдања во Гетсиманија, биле избрани да бидат со Него на гората. Сега се молел нив да им биде дадена манифестација на славата, која Тој ја делел со Таткото уште пред создавањето на светот, за Неговото царство да се открие на човечките очи и Неговите ученици да бидат доволно силни за да го гледаат тоа. Тој се молел тие да бидат сведоци на манифестација на Неговото божество, за во часот на Неговата најголема агонија да најдат утеха во сознанието дека Тој навистина е Божји Син и дека Неговата срамна смрт претставува дел од планот на спасението. {КВ 419.4}

Неговата молитва била услишена. Додека понизно клечел на каменливата почва, одеднаш небото се отворило, златните порти на Божјиот град се отвориле и свет сјај ја осветлил гората обвиткувајќи го телото на Спасителот. Низ човечката природа блеснало божеството и се споило со славата што Доаѓала одозгора. Подигнувајќи се од Својата лежечка положба, Христос стоел во божествено величество. Исчезнале душевните страдања. Неговото лице сега светело „како сонце“ и Неговата облека била „бела како снег”. {КВ 421.1}

Кога се разбудиле, учениците го здогледале големото изобилство слава која ја осветлила гората. Со страв и чудење го набљудувале светлиот лик на својот Учител. Кога очите им се навикнале на величествената светлина, виделе дека Исус не е сам. Покрај Него се наоѓале две небесни суштества, кои сериозно разговарале со Него. Тоа биле Мојсеј, кој на Синај зборувал со Бога и Илија, кому ми била дадена голема привилегија,

привилегија што му била дадена само на уште еден Адамов потомок никогаш да не дојде под власта на смртта. {КВ 421.2}

Петнаесет векови претходно, Мојсеј стоел на планината Фазга и ја набљудувал Ветената Земја. Меѓутоа, тој не можел да влезе во неа поради гревот што го направил кај Мерива. Не му била дадена радоста да ја внесе Израелевата војска во наследството на нивните татковци. Неговата молитва на агонија: „Дозволи ми да одам онаму и да ја видам онаа блажена земја преку Јордан, оној прекрасен горски крај и Ливан“ (Второзаконие 3:25), била одбиена. Морала да се изгаси надежта, која четириесет години ја осветлувала темнината на патувањето низ пустината. Гробот во пустината претставувал завршеток на тие години на труд и грижи што му го притискале срцето. Меѓутоа, Оној, Кој „може да стори неограничено повеќе од она што можеме да молиме или да мислиме“ (Ефесјаните 3:20), во таа мера и одговорил на молитвата на Својот слуга. Мојсеј преминал во царството на смртта, но не останал во гробот. Самиот Христос лично го повикал назад во живот. Сатаната полагал право на Мојсеевото тело заради неговиот грев, но Спасителот Христос го подигнал од гробот. (Јуда 9) {КВ 421.3}

На Гората на преобразувањето Мојсеј бил сведок на Христовата победа над гревот и смртта. Тој ги претставувал оние, кои при воскреснувањето на праведните ќе бидат подигнати од гробот. Илија, кој бил вознесен на небото, не вкусувајќи смрт, ги претставувал оние, кои ќе живеат на Земјата при второто Христово доаѓање и кои „ќе се преобразат наеднаш, за миг, на гласот на последната труба“ кога „ова смртното ќе се облече во бесмртно“ и „ова распадливо ќе се облече во нераспадливост”. (1. Коринтјаните 15:51-53) Спасителот сега бил облечен во небесна светлина, како што ќе се појави, кога ќе дојде „по втор пат за спасение”. Тој ќе дојде „во славата на Својот Татко и со светите ангели”. (Евреите 9:28; Марко 8:38) Сега се исполнило ветувањето на Спасителот дадено на учениците. На гората во минијатура било прикажано идното царство на славата Христос како цар, Мојсеј како претставник на воскреснатите свети и Илија како претставник на оние кои ќе се преобразат. {КВ 421.4}

Иако не ја сфатиле таа сцена, учениците биле среќни што на трпеливиот, кроток и понизен Учител, Кој патувал како беспомошен странец му била оддадена чест од оние кон кои Небото било наклонето. Верувале дека Илија дошол да го објави владеењето на Месијата и дека на Земјата ќе биде воспоставено Христовото царство. Сега засекогаш ќе исчезнат нивните стравувања и разочарувања. Сакале да останат тука, каде што се открила Божјата слава. Петар извикал: „Господе, добро ни е да бидеме тука; ајде да направиме три сеници: една за тебе, една за Мојсеј и една за Илија”. Учениците биле убедени дека Мојсеј и Илија биле испратени да го заштитат нивниот Учител и да ја воспостават Неговата власт како цар. {КВ 422.1}

Меѓутоа, пред круната морал да дојде крстот. Предмет на нивниот разговор со Исуса не било Неговото крунисување за цар, туку смртта што го чекала во Ерусалим. Носејќи ја слабоста на човечката природа и оптоварен од нејзините жалости и грев, Исус одел сам меѓу луѓето. Додека го притискала темнината на пробата што го очекувала, се наоѓал во духовна осаменост, во свет Кој не Го познавал. Дури и Неговите сакани ученици, целосно обземени од сопствените сомневања, жалости и славољубиви надежи, не ја сфатиле тајната на Неговата мисија. На Небото бил опкружен со љубов и заедништво; меѓутоа, во светот што Тој го создал, бил осамен. Сега Небото испратило свои гласници, не ангели, туку луѓе кои претрпеле страдање и жалост и кои можеле да сочувствуваат со Спасителот во неволјите на Неговиот земен живот. Мојсеј и Илија биле Христови соработници. Како Исус и тие копнееле за спасението на луѓето. Мојсеј се

молел за Израел: „И сега прости им го тој грев; ако ли пак не, тогаш избриши ме и мене од Твојата книга што си ја напишал”. (Излез 32:32) Илија ја искусил духовната осаменост, кога во текот на три и пол години глад го носел товарот на народната омраза и нивните неволји. На гората Кармил сам бил на Божја страна. Сам побегнал во пустината во болка и очај. Тие луѓе, одбрани пред сите ангели околу престолот, дошле да зборуваат со Исуса за сцените на Неговото страдање и да го утешат со уверувањето дека Небото сочувствува со Него. Надежта на светот, спасението на секое човечко суштество тоа било предмет на нивниот разговор. {КВ 422.2}

Бидејќи биле совладани од сонот, учениците слушнале малку од она што Христос и небесните гласници меѓусебно зборувале. Бидејќи не останале будни и не се молеле, тие не го примиле она што Бог сакал да им го даде, сознанието за Христовите страдања и славата која ќе настапи потоа. Тие го пропуштиле благословот што можеле да го добијат учествувајќи во Неговото самопожртвување. Тие ученици бавно верувале во своето срце; малку го ценеле благото со кое Небото сакало да ги збогати. {КВ 425.1}

Сепак, тие примиле голема светлина. Се увериле дека целото Небо знае за гревот што го направил еврејскиот народ, отфрлајќи го Христа. Им биле дадени појасни поими за делото на Откупителот. Со свои очи виделе и со свои уши слушнале работи што се надвор од досегот на човечкото сфаќање. Тие биле „очевидци на Неговото величество“ (2. Петрово 1:16), и сфатиле дека Исус навистина е Месијата, за Кого сведочеле патријарсите и пророците и дека како таков го признала небесната вселена. {КВ 425.2}

Додека сè уште ја набљудувале сцената на гората, „ги засолни сјаен облак и се слушна глас од облакот: ‘Ова е Мојот возљубен, Кој е по Мојата волја; Него слушајте го’”. Кога го здогледале облакот на славата, посјаен од оној што одел пред Израелевите племиња во пустината, кога слушнале како Божјиот глас зборува со голема величественост, така што планината се тресела, учениците паднале ничкум на земјата. Останале ничкум, со скриени пица, додека Исус не им пристапил и ги допрел, растерувајќи го нивниот страв со Својот познат глас: „Станете и не плашете се”. Осмелувајќи се да ги подигнат своите очи, тие виделе дека небесната слава заминала, а ликовите на Мојсеј и Илија исчезнале. Тие биле на планината сами со Исуса. {КВ 425.3}

47. СЛУЖБА

Оваа поглавје е засновано на Матеј 17:9-21; Марко 9:9-29; Лука 9:37-45.

Исус и Неговите ученици поминале цела ноќ на гората, а кога сонцето изгреало, тие се симнале во долината. Обземени со мисли, учениците оделе во стравопочит и молчење. Дури ни Петар немал ништо да каже. Тие со задоволство би останале на светото место, кое го осветлувала небесна светлина и на кое Божјиот Син ја манифестирал Својата слава, но требало да се заврши делото за луѓето, кои веќе на сите страни го барале Исуса. {КВ 426.1}

Во подножјето се собрало големо мноштво луѓе доведени тука од страна на учениците кои знаеле каде отишол Исус. Додека се приближувал, Спасителот им наредил на тројцата Свои придружници да не зборуваат ништо за она што го виделе, велејќи: „Никому не кажувајте за ова видение, додека Синот Човечки не воскресне од мртвите”. За откровението што го добиле учениците требало да размислуваат во своите срца, но не да зборуваат за него на другите. Да се раскажува за тоа на мноштвото само

би предизвикало потсмев или чудење. Дури ни деветтемина апостоли не би го сфатиле тоа, додека Христос не воскресне од мртвите. Колку бавни биле да разберат дури и трите ученици кон кои било покажано наклонетост, се гледа во фактот дека и покрај сето она што Исус го рекол за она што го очекувало, тие се прашувале меѓусебно што би требало да значи воскресението од мртвите. Сепак не барале објаснување од Исуса. Неговите зборови за иднината ги исполниле со тага. Тие не барале понатамошни откровенија за она што тие копнееле да веруваат дека нема никогаш да се случи. {КВ 426.2}

Кога собраните во подножјето го здогледале Исуса, му истрчале во пресрет, поздравувајќи го со изрази на стравопочит и радост. Меѓутоа, Неговото остро око веднаш забележало дека тие се наоѓаат во голема збунетост. Учениците изгледале вознемирени. Се случило нешто што кај нив предизвикало горчливо разочарување и понижување. {КВ 427.1}

Додека учениците чекале во подножјето на планината, еден човек го довел кај нив својот син за да го ослободат од немиот дух што го мачел. Кога ги испратил дванаесетминатa да проповедаат по цела Галилеја, Исус им ја доверил на Своите ученици власта над нечистите духови за да ги истераат. И сè додека тие биле силни во верата, лошите духови се покорувале на нивните зборови. Сега, во Христово име му наредиле на лошиот дух да ја напушти својата жртва, но демонот им се исмејувал, манифестирајќи ја повторно својата моќ. Во неможност да го објаснат својот неуспех, учениците сметале дека си нанесуваат срам на себеси и својот Учител. Во мноштвото се наоѓале и книжевниците, кои во најголема мера ја искористиле можноста да ги понижат. Туркајќи се околу учениците, тие ги опсипале со прашања, настојувајќи да докажат дека тие и нивниот Учител се измамници. Рабините триумфално изјавиле: „Еве еден лош дух што не можат да го победат ниту учениците, ниту Христос". Луѓето биле склони да се согласат со книжевниците и мноштвото било исполнето со чувство на презир и потсмев. {КВ 427.2}

Меѓутоа, обвинувањата наеднаш престанале. Исус и тројцата ученици се приближувале и луѓето брзо менувајќи го расположението, му тргнале во пресрет. Ноќта помината во општење со небесната слава оставила трага на Спасителот и Неговите придружници. На нивните лица зрачела светлина што предизвикала стравопочитување кај оние што гледале. Книжевниците во страв се повлекле, додека народот го пречекал Исуса. {КВ 427.3}

Како да набљудувал сè што се случувало, Спасителот дошол на местото на расправа и насочувајќи го Својот поглед кон книжевниците, запрашал: „За што ги распрашувате?" {КВ 427.4}

Гласовите кои дотогаш биле храбри и предизвикувачки, сега молкнале. Целото мноштво стивнало. Тогаш несреќниот татко се пробил низ мноштвото и паѓајќи пред Исусовите нозе ја изнел сторијата за својата неволја и своето разочарување. {КВ 427.5}

„Учителу" рекол Тој, „го доведов кај Тебе син ми во кого има нем дух. Каде и да го фати, го растргнува... и им реков на Твоите ученици да го истераат, но тие не можеа". {КВ 428.1}

Исус погледнал околу Себе кон исплашеното мноштво, кон книжевниците кои подигаат безначајни критики и кон збунетите ученици. Прочитал неверување во секое срце и со глас полн со тага извикал: „О, неверен роде, до кога ќе бидам со вас? До кога ќе ве поднесувам?" Тогаш му заповедал на таткото во неволја: „Доведи го твојот син тука". {КВ 428.2}

Го довеле момчето и, кога погледот на Спасителот се спуштил над него, лошиот дух го фрлил на земја во грчеви на агонија. Лежел, валкајќи се и фрлајќи пена, а воздухот бил пресечен од нечовечките крици. {КВ 428.3}

Повторно Кнезот на животот и кнезот на темнината се соочиле на бојното поле Христос, исполнувајќи ја својата мисија, да им „проповеда избавување на заробените,... слобода на угнетените“ (Лука 4:18), а сатаната со желба да ја задржи жртвата под своја власт. Ангелите на светлината и војските на лоши ангели, невидливи, се приближиле да го набљудуваат судирот. За момент Исус му дозволил на лошиот дух да ја манифестира својата сила, со цел оние што гледале да можат да го сфатат ослободувањето кое имал намера да го изврши. {КВ 428.4}

Мноштвото набљудувало без здив, таткото бил во агонија меѓу надежта и стравот. Исус прашал: „Колку време има како му се случува ова?“ Таткото ја раскажал сторијата за долгите години на страдање, а потоа, како веќе да не можел да издржи, извикал: „Ако можеш нешто да сториш, смилувај ни се и помогни ни”. „Ако можеш!“ Дури и во тој момент таткото се сомневал во Исусовата моќ. {КВ 428.5}

Исус одговорил: „Ако можеш да веруваш, сè е можно за оној што верува”. На Исуса не му недостигала моќ лекувањето на синот зависело од татковата вера. Увидувајќи ја сопствената слабост, таткото со солзи се доверил на Христовата милост, извикувајќи: „Верувам, Господе, помогни му на моето неверие”. {КВ 428.6}

Исус се свртел кон страдалникот и рекол: „Духу нем и глув, Јас ти заповедам, излези од него и не влегувај веќе во него”. Се слушнал крик и започнала страшна борба. Изгледало како демонот при своето излегување да го раскинувал и животот на својата жртва. Потоа момчето лежело неподвижно, како мртво. Мноштвото шепотело: „тој е мртов”. Меѓутоа, Исус го земал за рака, го подигнал и го предал на неговиот татко, целосно здрав и со телото и со умот. Таткото и синот го фалеле името на својот Избавител. Мноштвото се „восхитуваше на Божјата моќна сила,“ додека книжевниците, поразени и со наведната глава, во тишина се оддалечиле. {КВ 428.7}

„Ако можеш нешто да сториш, смилувај ни се и помогни ни”. Колку души од товарот на гревот ја повториле оваа молитва? Милостивиот Спасител им одговара на сите: „Ако можеш да веруваш, сè е можно за оној што верува”. Верата е таа која не спојува со Небото и која ни дава сила да се соочиме со силите на темнината. Во Христа Бог ни дал средство за совладување на секоја грешна особина и за спротивставување на секое искушение, колку и да е силно. Меѓутоа, многумина чувствуваат недостаток на вера и затоа остануваат далеку од Христа. Нека овие души, во нивната беспомошна недостојност, се фрлат на милоста на својот сочувствителен Спасител. Не гледајте на себе, туку на Христа. Оној што исцелувал болни и истерувал демони, кога одел меѓу луѓето и денес е истиот моќен Откупител. Верата Доаѓа од Божјата Реч. Затоа држете се цврсто за Неговото ветување: „Оној што Доаѓа при Мене, нема да го истерам надвор”. (Јован 6:37) Фрли се пред Неговите нозе со извикот: „Верувам, Господе, помогни му на моето неверие”. Никогаш нема да пропаднете доколку го правите тоа никогаш. {КВ 429.1}

Во краток временски период учениците на кои им била укажана наклонетост го виделе врвот на славата и на понижувањето. Ја виделе човечката природа преобразена во Божјиот лик и понижена до налик на сатаната. Од гората на која зборувал со небесните гласници и каде што Гласот од величествената светлина го прогласил за Божји Син, учениците го виделе Исуса како се симнува за да наиде на најнесреќна и најодвратна сцена на момче опседнато со демон со изобличено лице, чкртајќи со

забите во грчеви на агонија од која никаква човечка сила не можела да го ослободи. И тој силен Откупител, Кој само неколку часа пред тоа стоел во слава пред Своите восхитени ученици, се наведнува да ја подигне жртвата на сатаната од земјата на која се превиткува и со обновен ум и тело да му ја врати на својот татко и својот дом. {КВ 429.2}

Тоа била очигледна поука за откупувањето Божествениот од Татковата слава се наведнува да го спаси загубеното. Со тоа е прикажана и мисијата на учениците. Животот на Христовите слуги со Исуса не треба да се помине само на врвот на планината во мигови на духовно просветлување. Нив ги чека и работа во подножјето. Душите кои сатаната ги заробил чекаат збор на вера и молитва да ги ослободи. {КВ 429.3}

Деветминатa сè уште размислувале за горчливиот факт на својот неуспех. Кога Исус повторно останал сам со нив, тие го прашале: „Зошто ние не можевме да го изгониме?“ Исус им одговорил: „Заради вашето неверие. Вистина ви велам, ако имате вера колку едно синапово зрно и ако и кажете на оваа гора: ‘премести се одовде таму,’ таа ќе се премести; и ништо нема да ви биде невозможно. Овој род пак, се истерува само со молитва и пост”. Нивното неверие, кое ги спречувало да поседуваат послични чувства со Христовите и немарноста со која гледале на светото дело што им било доверено, биле причина за нивниот неуспех во судирот со силите на темнината. {КВ 429.4}

Христовите зборови кои укажувале на Неговата смрт предизвикале тага и сомнеж. Изборот на тројца ученици кои ќе го придружуваат Исуса на планината предизвикал љубомора кај деветминатa. Наместо да ја зајакнат својата вера со молитва и размислување за Христовите зборови, тие размислувале за своите разочарувања и за личните несогласувања. Во таква состојба на темнина тие стапиле во борба со сатаната. {КВ 431.1}

За да имаат успех во таквиот судир, учениците морале да бидат со поинаков дух. Нивната вера мора да биде зајакната со сесрдна молитва и со понижување на срцето. Морале да бидат лишени од своето ,,јас“ и да бидат исполнети со Дух и со Божја сила. Срдечното, истрајно обраќање на Бога со вера, вера која доведува до потполна зависност од Бога и до безрезервна посветеност на Неговото дело единствено може да им обезбеди на луѓето помош од Светиот Дух во борбата против началствата и властите, против светските управители на темнината и против поднебесните духови на злобата. {КВ 431.2}

„Ако имате вера колку едно синапово зрно“ вели Исус, „ќе и кажете на оваа планина: ‘премести се одовде таму,’ и таа ќе се премести”. Иако синаповото семе е толку мало, тоа ја содржи истата таинствена животворна сила со чија помош расте и највисокото дрво. Кога синаповото зрно ќе се стави во земја, неговиот малечок никулец ги користи сите состојки што Бог ги одредил за негова исхрана и тој брзо почнува да расте. Ако имате таква вера, ќе се фатите цврсто за Божјата Реч и за сите помошни средства што Тој ги одредил. Така, вашата вера ќе зајакне и ќе ви донесе на помош сила од Небото. Препреките кои сатаната ги натрупал на вашиот пат, иако можат да изгледаат несовладливи како вечните ридови, ќе исчезнат пред барањата на верата. „Ништо нема да ви биде невозможно”. {КВ 431.3}

48. КОЈ Е НАЈГОЛЕМ?

Оваа поглавје е засновано на Матеј 17:22-27; 18:1-20; Марко 9:30-50; Лука 9:46-48.

Враќајќи се во Капернаум, Исус не отишол на добро познатите места каде што го поучувал народот, туку со Своите ученици тивко ја побарал куќата која станала Негов привремен дом. Негова намера била за време на Својот престој во Галилеја повеќе време да помине поучувајќи ги Своите ученици отколку да се посвети на јавна работа. {КВ 432.1}

Патувајќи низ Галилеја, Христос повторно се обидел да го подготви умот на Своите ученици за настаните што ги очекуваат. Им рекол дека оди во Ерусалим за да биде осуден на смрт и повторно да воскресне. На тоа додал чудна и свечена изјава дека ќе биде предаден во рацете на Неговите непријатели. Учениците дури и сега не ги разбрале Неговите зборови. Иако над Него се надвиснувала сенка на голема тага, во нивното срце се нашло место за духот на ривалство. Се расправале меѓу себе кој треба да биде најголем во царството. Сакале да ја прикријат оваа расправа од Исуса, па затоа не оделе како и обично покрај Него, туку подзастанувале, така што Тој пред нив влегол во Капернаум. Исус ги читал нивните мисли и копнеел да ги посоветува и поучи. Меѓутоа, чекал да го направи тоа во еден тивок момент, кога нивните срца ќе бидат отворени да ги примат Неговите зборови. {КВ 432.2}

Наскоро по нивното доаѓање во градот, на Петар му пристапил човек што собирал данок за храмот и го прашал: „Зар вашиот Учител не плаќа данок?“ Тој данок не бил државен данок, туку верски прилог што секој Евреин бил обврзан да го дава годишно за одржување на храмот. Да се одбие да се даде овој прилог било сметано за нелојалност кон храмот што според мислењето на рабините, претставувал најтежок грев. Ставот на Спасителот кон рабинските закони и Неговиот отворен прекор кон бранителите на традициите им овозможиле изговор за обвинување дека Тој има намера да ја искорени службата во храмот. Сега Неговите непријатели виделе можност да го дискредитираат. Тие нашле сигурен сојузник во собирачот на данок. {КВ 432.3}

Во неговото прашање Петар видел обид да се оспори Христовата приврзаност кон храмот. Бранејќи ја ревно честа на својот Учител, тој брзо одговорил, без да се консултира со Него, дека Исус ќе даде прилог. {КВ 433.1}

Меѓутоа, Петар само делумно ја сфатил намерата на тој човек. Постоеле одредени класи луѓе за кои се сметало дека се ослободени од плаќањето на тој данок. Во времето на Мојсеј, кога Левитите биле одредени да ја извршуваат службата во храмот, ним не им било дадено никакво наследство во народот. Господ рекол: „Левитите немаат дел, ниту наследство со своите браќа; Господ е нивното наследство”. (Второзаконие 10:9) Во Христово време сè уште се сметало дека свештениците и Левитите се посебно посветени на храмот и затоа од нив не се барало да даваат годишен прилог за негово одржување. Исто така, пророците биле ослободени од давање. Барајќи прилог од Исуса, рабините преминувале преку Неговото тврдење дека е пророк и учител и се однесувале со Него како со која било друга обична личност. Кога не би сакал да го даде бараниот прилог, тоа би значело дека не е лојален на храмот; од друга страна, ако пак дал, тоа би значело дека тие се во право што не го признаваат за пророк. {КВ 433.2}

Само малку пред тоа, Петар го признал Исуса за Божји Син, но сега ја пропуштил можноста да каже за карактерот на својот Учител. Одговарајќи му на собирачот на данок дека Исус ќе даде данок, тој всушност ја потврдил погрешната претстава за Него, која свештениците и поглаварите сакале да ја прошират во народот. {КВ 433.3}

Кога Петар влегол во куќата, Спасителот не се осврнал на она што се случило, туку запрашал: „Што мислиш Симоне, земните цареви од кого собираат царина или данок? Од своите синови или од туѓинците?“ Петар одговорил: „Од туѓинците”. Тогаш Исус рекол: „Значи синовите се слободни”. Додека поданиците на царството плаќаат данок за издржување на својот цар, неговите сопствени деца се ослободени од плаќање. Така и Израел, Божјиот народ, бил обврзан да ја издржува неговата служба, меѓутоа, Исус, Божјиот Син, немал таква обврска. Ако свештениците и Левитите биле ослободени заради својата поврзаност со храмот, колку повеќе тоа било случај со Оној за Кого храмот бил дом на Неговиот Татко. {КВ 433.4}

Кога Исус би дал прилог без приговор, со тоа во суштина би признал дека барањето е оправдано и би ја негирал својата божествена природа. Меѓутоа, Тој сметал дека треба да го исполни барањето, но истовремено го негирал тврдењето на кое тоа се засновало. Тој дал докази за Својата божествена природа со начинот на кој обезбедил плаќање за овој прилог. Се покажало дека Тој е едно со Бога и дека затоа не бил обврзан да дава прилог како обичниот поданик на царството. {КВ 434.1}

„Оди до морето“ му заповедал на Петар, „фрли јадица и земи ја првата риба што ќе ја фатиш, отвори и ја устата, па ќе најдеш статир. Земи го и дај им го за Мене и за тебе”. {КВ 434.2}

Иако својата божествена природа ја облекол во човечки облик, со ова чудо Тој ја открил Својата слава. Било јасно дека Тој е Оној, Кој преку Давид објавил: „Мои се сите шумски животни и добитокот по илјадници ридови. Јас ги познавам сите горски птици; мои се сите диви sверови по полињата. Кога би огладнел, не би ти кажал тебе, зашто моја е земјата и сè што ја исполнува”. (Псалм 50:10-12) {КВ 434.3}

Иако јасно покажал дека не бил под никаква обврска да плаќа данок, Исус не стапил во судир со Евреите околу тоа прашање, бидејќи тие погрешно би ги интерпретирале Неговите зборови и би ги свртеле против Него. За да не дава никаков повод за замерки со одбивањето да плати данок, Тој го направил она што не би било оправдано да се бара од Него. Таа поука ќе биде од големо значење за Неговите ученици. Набргу требало да настапат големи промени во нивниот однос кон службата во храмот и Христос ги научил без потреба да не доаѓаат во судир со воспоставениот поредок. Колку што е можно, тие требало да се трудат да не даваат повод за погрешно толкување на нивната вера. Иако не смеат да жртвуваат ниту едно начело на вистината, христијаните треба да избегнуваат судири секогаш, кога тоа е можно. {КВ 434.4}

Кога Христос и учениците биле сами во куќата, додека Петар отишол до морето, Исус ги повикал останатите кај себе и прашал: „За што се препиравте патем меѓу себе?“ Исусовото присуство и Неговото прашање ја поставиле целата работа во светлина, која потполно се разликувала од онаа во која им се прикажала ним, кога се расправале по патот. Молчеле засрамени и си префрлале самите на себе. Исус им рекол дека ќе умре заради нив и нивното себично самољубие било во болна спротивност со Неговата несебична љубов. {КВ 434.5}

Кога им рекол дека ќе биде погубен и дека повторно ќе воскресне, Исус сакал да ги воведе во разговор за големата проба на која ќе биде ставена нивната вера. Кога би биле подготвени да го примат она што сакал да им го каже, би биле поштедени од горчливите душевни маки и очај. Неговите зборови би им донеле утеха во часовите на нажаленост и разочарување. Меѓутоа, иако толку јасно зборувал за она што го очекува, тоа што го споменал фактот дека набргу ќе оди во Ерусалим, повторно ја оживеало нивната надеж дека царството скоро ќе биде воспоставено. Затоа почнале да се

прашуваат кој треба да ги заземе најголемите положби. Кога Петар се вратил од морето, учениците му раскажале што прашал Спасителот и на крај еден од нив се осмелил да го праша Исуса: „Кој е најголем во царството небесно?“ {КВ 435.1}

Спасителот ги собрал своите ученици околу Себе и им рекол: „Кој сака да биде прв, нека биде последен од сите и слуга на сите”. Во тие зборови имало нешто свечено и впечатливо, кое било далеку од разбирањето на учениците. Тие не можеле да го видат она што Христос го видел. Тие не ја сфатиле природата на Христовото царство и тоа несфаќање било причина за нивната расправа. Меѓутоа, вистинската причина лежела многу подлабоко. Објаснувајќи ја природата на Своето царство, Христос можеби привремено ја стивнал нивната расправа, но со тоа не ја допреле основната причина. Дури и откако примиле целосно објаснување, секое прашање за првенство, повторно би можело да предизвика расправа. Поради тоа, по Христовото заминување црквата би ја снашла катастрофа. Расправата околу првенството била последица на делувањето на истиот оној дух, кој претставува почеток на големата борба во вселената, поради што Христос морал да се симне од Небото и да умре. Пред Неговите очи се појавила визијата за Луцифер, „синот на зората“ кој по својата слава ги надминувал сите ангели кои го опкружуваат престолот и кој со најблиски врски бил поврзан со Божјиот Син. Луцифер рекол: „Ќе бидам сличен на Севишниот“ (Исаија 14:12,14), па поради таа своја желба за самоиздигање дошло до судир во небесните дворови и биле истерани многумина од Божјата војска. Кога навистина би сакал да биде како Севишниот, Луцифер никогаш не би го напуштил местото што му било одредено, бидејќи духот на Севишниот се манифестира во несебична служба. Луцифер ја посакувал Божјата власт, но не и Неговиот карактер. Тој сакал да го заземе највозвишеното место и секое суштество што го поттикнува неговиот дух постапува исто така. Поради тоа неизбежно настануваат отуѓеност, кавги и неслога. Власта станува награда за најсилниот. Царството на сатаната е царство на силата; секој поединец го смета другиот како пречка на патот на сопствениот напредок или скалило по кое ќе се искачи себеси на некое повисоко место. {КВ 435.2}

Додека Луцифер сметал дека изедначувањето со Бога е нешто што тој сакал да го има, Возвишениот Христос, „се понизил Себеси, земајќи облик на слуга, станувајќи сличен со луѓето и откако се најде во лик на човек, се понизи Себеси станувајќи послушен до смрт, и тоа смрт на крст”. (Филипјаните 2:7,8) Сега крстот се наоѓал непосредно пред Него, а Неговите ученици биле толку исполнети со себичност која претставува начело на царството на сатаната што не можеле да сочувствуваат со својот Господ, ниту пак можеле да го сфатат, кога зборувал за Своето понижување заради нив. {КВ 436.1}

Многу нежно, а Сепак многу свечено, Исус настојувал да го отстрани злото. Тој покажал кое начело владее во небесното царство и во што се состои вистинската големина оценета според небесните мерила. Оние кои ги придвижува горделивоста и љубовта кон истакнување, мислат на себе и на наградата што треба да ја добијат, а не на тоа како ќе му ги вратат на Бога даровите кои ги примиле. За нив нема да има место во небесното царство, бидејќи се идентификувале со сатанските следбеници. {КВ 436.2}

Пред славата, Доаѓа понизноста. За исполнување на високите должности меѓу луѓето, Небото одбира работници кои, како Јован Крстителот, се понизиле пред Бога. Ученикот кој е најсличен на дете, најуспешно работи за Бога. Небесните суштества можат да соработуваат со оној што копнее да ги спаси душите, а не да се издигнува себеси. Оној, кој најдлабоко чувствува дека му е потребна божествена помош, тој се

моли да ја добие, а Светиот Дух ќе му даде погледи за Исуса, што ќе ја зајакне и воздигне душата. По заедницата со Христа, тој заминува да работи за оние кои пропаѓаат во своите гревови. Тој е помазан за својата мисија и постигнува успеси таму каде што многу учени и интелектуално мудри доживуваат неуспех. {КВ 436.3}

Меѓутоа, кога луѓето се издигнуваат себеси, сметајќи дека се неопходни за успех на големиот Божји план, Господ ги остава настрана. Станува очигледно дека Бог не зависи од нив. Делото не запира затоа што тие се отстранети од него, туку напредува со уште поголема сила. {КВ 436.4}

За Исусовите ученици не било доволно да бидат известени за природата на Неговото царство. Било потребно тие да се променат во срцето, за да бидат во хармонија со начелата на тоа царство. Повикувајќи кај Себе едно дете, Исус го ставил меѓу нив, а потоа, земајќи го детето нежно во Својата прегратка, рекол: „Ако не се обратите и не станете како малечки деца, нема да влезете во царството небесно". Едноставноста, несебичноста и детската љубов исполнета со доверба тоа се особини кои Небото ги цени. Тоа се карактеристиките на вистинската големина. {КВ 437.1}

Исус повторно им објаснил на учениците дека Неговото царство не го карактеризираат земното достоинство и сјај. Крај Христовите нозе се заборавaат сите овие почести. Богатите и сиромашните, учените и необразованите сите тие заедно се среќаваат, не помислувајќи на класните разлики или на земната превласт. Сите тие се среќаваат како души купени со крвта, кои сите подеднакво зависат од Оној, Кој ги откупил за Бога. {КВ 437.2}

Искрената, покајничка душа е драгоцена во Божјите очи. Бог не го става Својот печат врз луѓето според нивната положба, според нивното богатство, според нивната интелектуална големина, туку според нивното единство со Христа. Господ на славата е задоволен со оние кои се кротки и понизни во срцето. „Ти си ми го дал" вели Давид, „штитот на Твоето спасение... и на Твојата благост" како важен елемент во човечкиот карактер „ме возвеличува". (Псалм 18:35) {КВ 437.3}

„Оној што ќе прими едно вакво дете во Мое име" рекол Исус, „Мене ме прима, а оној што ќе ме прими Мене, не ме прима Мене, туку Оној што Ме испрати". „Вака вели Господ: 'Небесата се мој престол, а Земјата подножје на Моите нозе..'. но кон овој човек Јас ќе погледнам, на сиромавиот и оној што е со покајнички дух, и кој трепери пред Мојата Реч". (Исаија 66:1,2) {КВ 437.4}

Зборовите на Спасителот предизвикале кај учениците чувство на недоверба кон себе. Никој не бил посебно посочен во одговорот, но Јован се почувствувал поттикнат да праша дали во еден случај неговата постапка била исправна. Со детски дух му го изнел тоа прашање на Исуса. „Учителе" рекол, „видовме еден како истерува демони во Твое име, а не врви со нас; и ние му забранивме, зашто не врви со нас". {КВ 437.5}

Забранувајќи му на тој човек, Јаков и Јован сметале дека ја бранат честа на својот Учител, но почнале да сфаќаат дека всушност ја имале во предвид својата чест. Ја увиделе својата грешка и го примиле Исусовиот укор: „Не бранете му, зашто никој што прави чудо во Мое име не ќе може лесно да зборува зло за Мене". Не треба се презира, ниту да се одбие никој кој на каков било начин е наклонет кон Христа. Христовиот карактер и Неговото дело длабоко влијаеле и нивните срца со вера се отворале пред Него, а учениците кои не биле во состојба да ги читаат побудите морале да внимаваат да не ги обесхрабрат тие души. Кога Учителот веќе лично нема да биде меѓу нив и кога делото ќе биде препуштено во нивни раце, тие не смеат да негуваат тесноград и

исклучив дух, туку мораат да го манифестираат она исто далекусежно сочувство, кое го виделе во нивниот Учител. {КВ 437.6}

Фактот дека некој не се согласува во сè со нашите лични размислувања и сфаќања не ни дава никакво право да му забрануваме да работи за Бога. Христос е Големиот Учител; ние не треба ниту да осудуваме, ниту да заповедаме, туку мораме понизно да седиме покрај Христовите нозе и да учиме од Него. Секоја душа која Бог ја направил послушна претставува орудие преку кое Христос ја открива Својата љубов која простува. Добро мораме да внимаваме да не обесхрабриме ниту еден од оние кои ја носат Божјата светлина и со тоа да ги пресечеме зраците за кои Бог посакува да светат во светот. {КВ 438.1}

Грубоста или рамнодушноста на учениците кон оној кого го привлекува Христос како што постапил Јован, кога му забранил на тој човек да прави чуда во Христово име може да има како последица да го турне тој човек на патеката на непријателот и со тоа да биде загубена една душа. За таквиот Исус рекол дека е „подобро да му обесат воденички камен на вратот и да биде фрлен во море“ отколку да го направи тоа. Потоа Тој додал „Ако те соблазнува твојата рака, отсечи ја; подобро е за тебе да влезеш во животот хром, отколку со двете раце да одиш во пеколот, во неизгасливиот оган. Ако те соблазнува твојата нога, отсечи ја; подобро е за тебе да влезеш во животот сакат отколку со двете нозе да бидеш фрлен во пеколот”. (Марко 9:43-45) {КВ 438.2}

Зошто служат тие сериозни зборови, од кои нема други построги? Затоа што „Синот Човечки дојде да го спаси она што е загубено”. Дали Неговите ученици треба да имаат помалку обѕир кон душите на своите ближни, отколку што имало Величеството од небото? За секоја душа е платена бескрајна цена и колку е страшен гревот, кога една душа ќе се оттргне од Христа, така што за неа ќе биде напразна Спасителовата љубов и Неговото понижување и агонија. {КВ 438.3}

„Тешко на светот поради соблазните! Меѓутоа, неизбежно соблазните ќе дојдат”. (Матеј 18:7) Поттикнат од страна на сатаната, светот неминовно ќе се спротивстави на Христовите следбеници и ќе се труди да ја уништи нивната вера, но тешко на оној кој го земал Христовото име, а Сепак постапува така. Оние кои тврдат дека му служат на Господа, а погрешно го прикажуваат Неговиот карактер, му нанесуваат срам на Господа, а и многумина стануваат измамени и наведени на погрешен пат. {КВ 438.4}

Секоја навика или секоја постапка која наведува на грев и нанесува срам на Христа треба да се отфрли без оглед на тоа што мора да се жртвува. На душата не може да и користи она што нанесува срам на Бога. Небесен благослов не може да му биде даден на оној што ги крши вечните начела на правдата. Еден негуван грев е доволен за дегенерација на карактерот и да се заведат другите. Ако треба да се отсече рака или нога, па дури и да се извади око за да се спаси телото од смртта колку тогаш треба да бидеме посрдечни во отфрлање на гревот кој донесува смрт на душата! {КВ 439.1}

Во обредната служба на секоја жртва и се додавала сол. Тоа, како и принесувањето темјан, означувало дека службата станува прифатлива за Бога, благодарение единствено на Христовата праведност. Посочувајќи кон тој обичај, Исус рекол: „Секоја жртва со сол ќе се осоли”. „Имајте сол во себе и така ќе имате мир меѓу себе”. Сите што сакаат да се принесат себеси „како жива жртва, света и угодна на Бога“ (Римјаните 12:1), мора да ја примат спасоносната сол праведноста на нашиот Спасител. Тогаш, тие стануваат „сол на Земјата“ (Матеј 5:13), и како што солта го спречува расипувањето, така тие го спречуваат злото меѓу луѓето. Меѓутоа, ако солта го загубила вкусот, ако побожноста постои само на зборови, без Христова љубов, тогаш тука не постои сила за

добро. Таквиот живот не врши спасоносно влијание на светот. „Вашата енергија и делотворност во изградба на Моето царство“ вели Исус, „зависи од тоа дали сте го примиле мојот Дух. Морате да бидете соучесници во Мојата благодат, за да бидете животен мирис за живот. Тогаш нема да постои никакво ривалство, никаква себичност, никаква желба за највисока положба. Тогаш ќе ја имате онаа љубов, која не го бара своето, туку доброто на другите”. {КВ 439.2}

Грешникот што се кае треба да го насочи својот поглед „кон Божјото Јагне, Кое ги зема на Себе гревовите на светот“ (Јован 1:29) и гледајќи во Него, тој се преобразува. Неговиот страв се претвора во радост, а неговите сомнежи во надеж. Се појавува благодарност. Каменото срце се крши. Плима на љубовта го исполнува срцето. Во него Христос е извор на вода што тече во вечен живот. Кога гледаме како Исус, Човек на болката и запознаен со жалоста, се труди да ги спаси загубените; како го омаловажуваат, презираат и исмеваат, како го гонат од град до град додека Неговата мисија не била завршена, кога го гледаме во Гетсиманија, со крупни капки крвава пот и кога набљудуваме како во агонија умира на крстот кога го гледаме сето тоа, тогаш сопственото „јас“ веќе не бара да биде признаено. Кога ќе го насочиме својот поглед кон Исуса, ќе се засрамиме од својата рамнодушност, од својата замреност и својата себичност. Ќе бидеме волни да бидеме што било или ништо според Божја волја, само за да можеме со цело срце да му служиме на Господа. Ќе се радуваме да одиме по Христа, носејќи го крстот, да поднесуваме страдања, срам и прогонство заради Него. {КВ 439.3}

„Ние силните должни сме да ги носиме слабостите на слабите и да не си угодуваме себеси”. (Римјаните 15:1) Не смее да се запостави ниту една душа што верува во Христа, Колку и да е слаба нејзината вера и колку и да се несигурни нејзините чекори, како чекори на мало дете. За сето она во што сме во предност од другите без разлика дали тоа е образование или воспитување, префинетост, благороден карактер, христијанско обучување или верско искуство им должиме на оние кои имаат помалку можности и мораме да им служиме онолку колку што тоа е во наша моќ. Ако сме силни, мораме да ги поддржуваме рацете на слабите. Ангелите на славата, кои секогаш го гледаат лицето на небесниот Татко, се радуваат служејќи им на Неговите најмалечки. Тие посебно внимание обрнуваат на душите кои треперат и кои имаат многу недостатоци во карактерот. Ангелите се наоѓаат таму каде што се најпотребни, покрај оние кои водат најтешки борби сами со себе и кои се наоѓаат во околности кои се најобесхрабрувачки. Во таа служба ќе соработуваат и вистинските Христови следбеници. {КВ 440.1}

Ако некој од тие малечки би бил совладан и би направил некое зло против вас, тогаш ваша должност е да се трудите да го изведете на вистински пат. Не чекајте тој да го направи првиот чекор кон помирување. Исус рекол: „Што мислите, ако некој човек има сто овци, па една од нив заталка, зар нема да ги остави деведесет и деветте и да појде в планина и да ја бара заталканата? И ако успее да ја најде, вистина ви велам, повеќе ќе се радува за неа отколку за оние деведесет и девет што не заталкале. Така, ниту Вашиот небесен Татко не сака да се загуби ниту еден од овие малечки”. {КВ 440.2}

Со благ дух „внимавајќи на себе и ти да не бидеш искушан“ (Галатјаните 6:1), оди кај оној што греши и „искарај го насамо”. Не го срами, зборувајќи за неговите грешки пред другите, а исто така не му нанесувај срам на Христа со тоа што ќе го објавиш гревот или заблудата на оној кој го носи Неговото име. Често на оној што греши мора отворено да му се каже вистината; тој мора да биде наведен да ја увиди својата грешка, за да може да се поправи. Меѓутоа, не смееш да му судиш, ниту да го осудиш. Не се обидувај

да се самооправдуваш. Сите твои напори треба да бидат за негово обновување. Кога се лекуваат душевните рани, потребен е најнежен допир, допир на најпрефинета чувствителност. Тука може да помогне само љубовта, која се излева од Страдалникот од Голгота. Братот со братот нека постапува со сочувство и нежност, знаејќи дека ако успее, „ќе спаси една душа од смрт,“ и „ќе покрие мноштво гревови”. (Јаков 5:20) {КВ 440.3}

Меѓутоа, можеби ниту тој обид нема секогаш да биде доволен. Потоа, вели Исус, „земи со себе уште еден или двајца”. Можеби нивното заедничко влијание ќе преовлада таму каде што првиот обид не бил успешен. Бидејќи не се вмешани во таа незгода, најверојатно нема да бидат пристрасни, а поради тоа оној што згрешил, ќе придава поголемо значење на нивниот совет. {КВ 441.1}

Ако не ги послуша ниту нив, дури тогаш прашањето треба да се изнесе пред сите верници. Членовите на црквата, како Христови претставници, треба да се обединат во молитва и со љубов да го молат престапникот да се поправи. Тогаш Светиот Дух ќе зборува преку Своите слуги, повикувајќи го заталканиот да се врати кон Бога. Зборувајќи во вдахновение, апостол Павле вели: „Како Бог да моли преку нас: Ве молиме во Христово име, помирете се со Бога”. (2. Коринтјаните 5:20) Кој ги отфрла таквите заеднички напори, тој ја раскинал врската што го спојува со Христа и со тоа се одвоил од членството на црквата. „Потоа“ вели Исус, „сметајте го како незнабожец или како цариник”. Меѓутоа, не треба со тоа тој да смета дека е отсечен од Божјата милост. Неговите поранешни браќа не треба да го презираат, ниту да го запоставуваат, туку треба да постапуваат кон него со нежност и сочувство, како кон една од загубените овци, која Христос сè уште настојува да ја врати во Своето трло. {КВ 441.2}

Во Христовото упатство за постапката кон оној што греши во поодреден облик се повторува учењето дадено на Израел преку Мојсеј: „Немој да го мразиш својот брат во своето срце. Слободно укори го својот ближен за да не го носиш гревот заради него”. (Левит 19:17) Со други зборови, оној што ја запоставува должноста која Христос му ја доверил и не настојува да ги поправи оние кои се наоѓаат во заблуда и грев, тој станува учесник во гревот. За секое зло што сме можеле да го спречиме, ние сме исто толку одговорни како самите да сме го направиле тоа. {КВ 441.3}

Меѓутоа, на самиот престапник треба да му укажеме на злото. Тоа не треба да биде предмет на разговор и критикување меѓу нас самите, ниту за тоа треба да им зборуваме на другите дури и откако црквата е известена. Сознанието за грешките на христијаните може да биде само камен за сопнување на светот кој не е во верата. Исто така, ако многу зборуваме за тие работи, само можеме себеси да си наштетиме, бидејќи со постојано задржување на тоа и самите се менуваме. Кога се трудиме да ги поправиме грешките на некој брат, Христовиот Дух ќе не наведе колку што можеме да се заштитиме од критиките на неговите сопствени браќа, а многу повеќе од укорот на светот што не верува. Ние и сами грешиме и ни е потребно Христово сожалување и простување и како што сакаме Тој да постапува кон нас, така Тој бара и ние да постапуваме едни кон други. {КВ 441.4}

„Сè што ќе сврзете на Земјата, ќе биде сврзано и на небесата, и сè што ќе разврзете на Земјата, ќе биде разврзано и на небесата”. Вие работите во својство на небесни амбасадори, а резултатот на вашето дело е од вечно значење. {КВ 442.1}

Меѓутоа, ние не треба да ја носиме сами оваа голема одговорност. Христос се наоѓа насекаде каде што со искрено срце се исполнува неговата Реч. Тој не само што е присутен на собирите во црквата, туку секогаш се наоѓа таму каде што во Негово име се

среќаваат учениците, колку и да е мал нивниот број. Тој вели: „Ако двајца од вас на Земјата се согласат околу која било работа каква и да побараат, ќе им биде дадено од Мојот Татко, Кој е на Небото". {КВ 442.2}

Исус вели: „Мојот Татко, Кој е на небесата", а со тоа како да сака да ги потсети Своите ученици дека додека со Својата човечка природа е врзан за нив, дека е учесник во нивните неволји и дека сочувствува со нив во нивните страдања, со Своето божество е поврзан со престолот на Вечниот. Какво прекрасно уверување! Небесните суштества се обединуваат со луѓето во сочувството и залагањето за спасение на она што е изгубено. Сите сили на Небото се здружуваат со човечките способности, за душите да се привлечат кон Христа. {КВ 442.3}

49. НА ПРАЗНИКОТ СЕНИЦИ

Оваа поглавје е засновано на Јован 7:1-15, 37-39.

Поради верските свеченост Евреите имале должност трипати годишно да се соберат во Ерусалим. Обвиткан во столб од облак, невидливиот Водач на Израел, дал упатства во поглед на овие собири. За време на ропството, Евреите не можеле да ги одржуваат тие празници, но кога народот се вратил во својата земја, празнувањето на тие спомен-обичаи било повторно воспоставено. Божја намера била тие годишнини да го потсетуваат народот на Него. Меѓутоа, со неколку исклучоци, свештениците и поглаварите на народот ја изгубиле од вид таа цел. Оној, Кој одредил да се одржуваат овие народни собири и Кој го сфаќал нивното значење, бил сведок на нивното изопачување. {КВ 447.1}

Празникот Сеници бил последниот собир во годината. Божја намера била во оваа прилика народот да размислува за Неговата добрина и милост. Целата земја била под Негова заштита и го примила Неговиот благослов. Неговата грижа не престанувала ни дење ни ноќе. Сонцето и дождот правеле земјата да ги дава своите плодови. Жетвата била собрана од палестинските долини и низини. Маслинките биле собрани и драгоценото масло складирано. Палмата го дала својот плод. Румените гроздови веќе биле изгазени во бурето за вино. {КВ 447.2}

Празникот траел седум дена и поради таа прослава Израелците од Палестина и од многу други земји ги напуштале своите домови и Доаѓале во Ерусалим. Луѓето Доаѓале од далеку и од близу, донесувајќи во раце знак на својата радост. Старите и младите, богатите и сиромашните, сите донесувале некаков дар во знак на благодарност на Оној што ја крунисал годината со Својата добрина, од чии стапки капело изобилство. Сè што можело да го задоволи окото и да даде израз на сеопштата радост, било донесено од шумите, така што градот прилегал на некоја прекрасна шума. {КВ 448.1}

Овој празник не значел само оддавање на благодарност за добрата жетва, туку потсетувал и на Божјата заштита и грижа за Израел во пустината. Како спомен на својот живот под шатори, Израелците за време на празникот живееле во сеници или шатори од зелени гранки. Тие биле подигнати на улиците, во предворјето на храмот или на покривите од куќите. Планините и долините околу Ерусалим исто така биле исполнети со овие засолништа од лисја и со луѓе во движење. {КВ 448.2}

Верниците го прославувале овој настан со свети песни и со благодарност. Малку пред празникот бил Денот на Помирувањето, кога откако ги исповедале своите гревови,

за луѓето било објавено дека се помирени со Небото. На тој начин бил подготвен патот за радоста на празникот. Зборовите „Фалете го Господа, зашто е добар, зашто е вечна Неговата милост“ (Псалм 106:1), величествено се издигале кон небото, проследени со извиците „Осана“ и секаков вид музика. Храмот бил центар на сеопшта радост. Тука се извршувале раскошните жртвени обреди. Тука, нареден од двете страни на белите мермерни скали на светото здание, хорот на Левитите го предводел пеењето. Мноштвото верници, мавтајќи со палмите и гранчињата од мирта, се придружиле кон песната и го повторувале рефренот; потоа и други се приклучувале кон песната од близу и од далеку, така што сите околни ритчиња одѕвонувале од фалбоспевот. {КВ 448.3}

Храмот и неговите предворја блескале цела ноќ со вештачка светлина. Музиката, мавтањето со палмови гранчиња, радосните извици „Осана“ големата маса народ, над кои се излевала светлина од висечките фенери, поворките на свештеници и величествените обреди сето тоа заедно создавало сцена што оставала длабок впечаток врз набљудувачите. Меѓутоа, највпечатлив бил обредот наменет за обновување на спомент на еден настан за време на престојот во пустината, обред кој предизвикал најголема радост. {КВ 448.4}

Рано в зори, свештениците со долг продорен звук затрубиле од своите сребрени труби, на што им одговарале други труби, а се слушале и радосни извици на народот од нивните сеници, така што сѐ ечело низ планините и долините поздравувајќи го празничниот ден. Потоа, свештеникот земал еден сад со вода од бистриот поток Кедрон, го подигал на рамо и додека трубите трубеле, се качувал на широките скапи од храмот, полека и одмерено, држејќи чекор со музиката и објавувајќи: „Нашите нозе веќе стојат пред портите твои, О, Ерусалиме”. (Псалм 122:2) {КВ 448.5}

Свештеникот го донесувал садот до олтарот, кој бил поставен во средината на предворјето за свештениците. Тука се наоѓале два сребрени сада, а покрај секој стоел еден свештеник. Во еден сад била ставана водата од садот, а во други виното од друг сад; содржината на двата сада истекувала во една цевка што била поврзана со потокот Кедрон и оттаму во Мртвото Море. Тоа истекување на посветената вода го претставувало изворот, кој на Божја заповед потекол од карпата за да ја изгаси жедта на децата Израелеви. Тогаш тие радосно запеале: „Господ Јехова ми е сила и песна;“ „затоа со радост ќе црпите вода од изворот на спасението”. (Исаија 12:2,3) {КВ 449.1}

Кога Јосифовите синови се подготвувале да присуствуваат на празникот Сеница, забележале дека Исус со ништо не покажува дека и Тој ќе дојде. Тие загрижено внимавале на Него. По исцелувањето во Витезда Тој не присуствувал на националните собири. За да ги избегне бескорисните судири со водачите во Ерусалим, Тој ја ограничил Својата работа само во Галилеја. Неговото привидно запоставување на големите верски собири и непријателството што кон Него го покажувале свештениците и рабините, ги вознемирувале луѓето околу Него, а дури и Неговите избрани ученици и Неговите роднини. Во Своите поуки Тој зборувал за благословите што потекнуваат од покорноста кон Божјиот закон, но изгледало дека Тој е рамнодушен кон службата која била воспоставена од Бога. Се дружел со цариниците и со други луѓе што ги биел лош глас, не обрнувал внимание на рабинските прописи и без притеснување ги отфрлил традиционалните обичаи во поглед на саботата. Сето тоа изгледало дека го доведувало во судир со верските власти и предизвикувало многу прашања. Неговите браќа сметале дека греши што се отуѓува од големите и учени луѓе во народот. Сметале дека тие луѓе мораат да бидат во право и дека Исус греши што се поставува Себеси во непријателство со нив. Меѓутоа, биле сведоци на Неговиот беспрекорен живот и Неговите дела

оставиле длабок впечаток на нив, иако не се вбројувале себеси како Негови ученици. Неговата популарност во Галилеја и годела на нивната амбиција, па се надевале дека Тој ќе даде доказ за Својата сила, која ќе ги принуди фарисеите да увидат дека Тој е тоа што тврдел дека е. А што ако Тој е навистина Месијата, Принцот на Израел! Тие горделиво ја негувале во себе оваа мисла. {КВ 450.1}

Толку многу го посакувале тоа, што го поттикнувале Христа да појде со нив во Ерусалим: „Излези одовде“ велеле, „и оди во Јудеја за да можат и Твоите ученици да ги видат Твоите дела што ги правиш, зашто никој не прави нешто тајно, кога самиот сака да биде познат јавно. Ако Ти ги вршиш овие работи, покажи му се на светот”. Зборот „ако“ изразувал сомневање и неверие. Му припишувале страшливост и слабост. Ако знаел дека е Месијата, зошто тогаш таа чудна повлеченост и неактивност? Ако навистина имал таква сила, зошто да не оди храбро во Ерусалим и го докаже Своето тврдење? Зошто да не ги изврши во Ерусалим оние прекрасни дела за кои се раскажувало во Галилеја? „Немој да се криеш во зафрлени области и да вршиш силни дела за доброто на неуките селани и рибари. Покажи се во престолнината, осигурај ја поддршката на свештениците и поглаварите, обедини го народот во воспоставување на новото царство”. {КВ 450.2}

Тие му го зборувале ова на Исуса од себични побуди, кои често се гледаат во срцата на оние што сакаат да се истакнат. Тој дух бил владеечки дух на светот. Биле соблазнети затоа што Христос, наместо да копнее по земно царство, за Себе рекол дека е лебот на животот. Тие биле многу разочарани, кога го напуштиле толку многу од Неговите ученици. Самите се одвратиле од Него за да го избегнат крстот од признавањето на она што го откривале Неговите дела дека Тој е испратен од Бога. {КВ 451.1}

„Тогаш Исус им рече: ‘Моето време уште не дошло, а за вас секогаш е згодно време. Светот не може да ве мрази вас, но Мене ме мрази, затоа што Јас сведочам за него дека делата му се зли. Вие одете горе на празникот, Јас не одам на овој празник, зашто Моето време уште не се исполнило’. Тоа им го кажа и остана во Галилеја”. Неговите браќа му зборувале со глас на авторитет, одредувајќи му што треба да работи. Тој го возвратил нивниот прекор врз нив, на тој начин што не ги сместил меѓу Своите ученици полни со самооткажување, туку меѓу светот. „Светот не може да ве мрази вас“ рекол Тој, „но Мене ме мрази затоа што Јас сведочам за него дека делата му се зли”. Светот не ги мрази оние што му се слични по духот; тој ги сака како свои. {КВ 451.2}

Светот за Христа не бил место за удобност и самоиздигнување. Тој не чекал можност да ја згради Неговата сила и слава, ниту пак светот му овозможувал таква награда. Светот бил место во кое го испратил Неговиот Татко. Тој бил даден за живот на светот, за да го изработи големиот план на откупувањето. Тој го вршел Своето дело за паднатиот човечки род. Меѓутоа, Тој не смеел да биде непромислен, ниту требало да брза во опасност да предизвика криза. Секој настан во Неговото дело имал свој одреден момент. Морал трпеливо да чека. Знаел дека мора да ја прими омразата на светот, знаел дека Неговото дело ќе го одведе во смрт, но прерано да се изложи на ова не би било според волјата на Неговиот Татко. {КВ 451.3}

Веста за Христовите чуда брзо се раширила од Ерусалим насекаде каде што живееле Евреите; иако веќе многу месеци не присуствувал на празниците, интересот за Него не се намалил. Многумина од сите делови на светот дошле на празникот Сеници, надевајќи се дека ќе го видат. На почетокот на празникот многумина се распрашувале за Него. Фарисеите и поглаварите очекувале дека Тој ќе дојде и се надевале дека ќе им се пружи можност да го осудат. Желно прашале: „Каде е Тој?“; но никој не знаел. Сите

биле окупирани со мислата за Него. Од страв од свештениците и поглаварите, никој не се осмелувал да го истакне своето убедување дека Тој е Месијата, но насекаде тивко и сериозно се зборувало за Него. Многумина го бранеле како Божји пратеник, додека други го осудувале како измамник на народот. {КВ 451.4}

Во меѓувреме, Исус незабележано стигнал во Ерусалим. Тој одлучил да дојде по споредeн пат, за да ги избегне патниците кои од сите страни Доаѓале на празникот. Кога би се придружил на кој било караван кој Доаѓал на празникот, при влегувањето во градот би го привлекол вниманието на светот, па би дошло до јавни манифестации во Негова полза, со што би ја предизвикал власта против Себе. За да го избегне тоа, одлучил да патува сам. {КВ 452.1}

За време на свеченоста, кога возбудувањето поради Него достигнало кулминација, Тој во присуство на мноштво луѓе, влегол во предворјето на храмот. Заради Неговото отсуство од празникот, се зборувало дека Тој не се осмелувал да се појави пред свештениците и поглаварите и сите биле изненадени од Неговата појава. Сите замолкнале. Сите се восхитувале на Неговото достоинство и храброст да се појави меѓу моќните непријатели кои сакале да го уништат. {КВ 452.2}

Стоејќи така во центарот на вниманието на собраниот народ, Исус им се обратил како што ниту еден човек не направил дотогаш. Неговите зборови покажале такво познавање на законот и институциите на Израел, жртвените обреди и учењата на пророците, кое далеку го надминувало знаењето на свештениците и рабините. Ги срушил бариерите на формализмот и традициите. Изгледало како пред Него да лежат отворени настаните на идниот живот. Зборувал со неприкосновен авторитет за земното и небесното, за човечкото и божественото, како Некој, Кој го гледал Невидливиот. Неговите зборови биле совршено јасни и убедливи и народот, како и во Капернаум, бил зачуден од Неговото учење, „бидејќи Неговото слово беше силно”. (Лука 4:32) Со помош на разни примери ги предупредил своите слушатели на несреќата што ќе ги снајде сите оние што ќе ги отфрлат благословите кои Тој дошол да им ги донесе. Им дал секакви можни докази за тоа дека дошол од Бога и се обидувал на сите можни начини да ги наведе на покајание. Тој не сакал да биде отфрлен и убиен од Неговиот сопствен народ и настојувал да ги спаси од вината за таквото дело. {КВ 452.3}

Сите се чуделе на Неговото познавање на законот и на пророштвата и се прашувале еден со друг: „Како овој ги познава Писмата кога не учел?“ Се сметало дека верски учител не може да биде некој кој не учел во рабинските школи, а и Исус и Јован Крстителот биле прикажани како неуки, бидејќи не примиле такво образование. Меѓутоа, нивните слушатели биле изненадени од нивното познавање на светите списи, бидејќи ниту еден од нив „не учел”. Навистина, тие не учеле од луѓе, но небесниот Бог бил нивен Учител и од Него ја примиле највозвишената мудрост. {КВ 453.1}

Додека Исус зборувал во дворот на храмот, луѓето го слушале како маѓепсани. Оние исти луѓе, кои биле најогорчени противници се чувствувале немоќни да му наштетат. За тоа време заборавиле на сè останато. {КВ 453.2}

Од ден на ден Тој го учел народот сè до последниот „големиот ден на празникот”. Тој ден наутро, кога народот веќе се заморил од долгото празнување, Исус неочекувано го подигнал Својот глас, кој одзвонувал низ предворјето на храмот: {КВ 453.3}

„Ако некој е жеден, нека дојде кај Мене и нека пие. Кој верува во Мене како што е кажано во Писмото од неговата внатрешност ќе потечат реки на жива вода”. Со оглед на состојбата во која се наоѓал народот, тој повик бил многу силен. Присутните постојано ги набљудувале сцените на раскош и празнување, нивните очи биле

заслепени од светлината во разни бои, а нивните уши заглушени од најраскошна музика, но во сите тие церемонии немало ништо што ги задоволува потребите на духот, ништо што може да ја изгаси жедта на душата за она што е нераспадливо и непоминливо. Исус ги повикал да дојдат да се напијат од изворот на животот, од она што во нив ќе биде извор на жива вода, која тече во вечен живот. {КВ 453.4}

Тоа утро свештеникот извршил обред во спомен на удирањето во карпата во пустината. Таа карпа била симбол на Оној, Кој со Својата смрт ќе отвори жив извор на спасение, кој ќе потече кон сите оние кои се жедни. Христовите зборови биле водата на животот. Тука, во присуство на собраното мноштво, Тој се поставил Себеси да биде биен, за водата на животот да потече кон светот. Биејќи го Христа, сатаната имал намера да го уништи Кнезот на животот, но од удрената карпа потекла жива вода. Додека Исус му зборувал на народот, нивните срца биле обземени од некое необично стравопочитување и многумина биле подготвени да извикаат како Самарјанката: „Дај ми ја таа вода да не жеднеам повеќе". (Јован 4:15) {КВ 454.1}

Исус знаел по што копнеат душите. Сјајот, богатството и почестите не можат да ја задоволат душата. „Ако некој е жеден, нека дојде кај Мене". Богатите и сиромашните, моќните и скромните сите се добредојдени. Тој ветува дека ќе го олесни товарот на душата, дека ќе го утеши оној кој тагува и дека ќе му влее надеж на оној кој е во очај. Меѓу оние кои го слушале Исуса се наоѓале многумина што тагувале поради разочараните надежи, многумина кои тајно страдале, многумина кои настојувале да го задоволат својот неспокоен копнеж со нештата од овој свет и пофалбата од луѓето. Меѓутоа, кога го постигнале сето тоа, тие увиделе дека се мачеле само за да дојдат до напукнат резервоар од кој не можеле да ја изгаснат својата жед. Стоеле тука незадоволни и тажни среде сјајот на веселата прослава. Неочекуваниот извик „Ако некој е жеден" ги оттргнал од нивното тажно размислување и додека понатаму слушале, во душата им се разбудила една нова надеж. Светиот Дух пред нив го изнел симболот, така што на крај сфатиле дека во него се наоѓа понуда на непроценливиот дар на спасението. {КВ 454.2}

Повикот што Христос го упатил кон жедните сè уште одзвонува и тој повик ни се упатува и нам со уште поголема сила, отколку на оние кои го слушнале последниот ден од празникот. Изворот е достапен за секого. На уморните и исцрпените им се нуди освежувачка напивка на вечниот живот. Исус сè уште зборува: „Ако некој е жеден, нека дојде кај Мене и нека пие". „Кој е жеден, нека дојде и кој сака, нека земе дарум од водата на животот". „Оној што пие од водата што ќе му ја дадам Јас, никогаш нема да ожедни туку водата што ќе му ја дадам, ќе стане во него извор на вода, што тече во вечен живот". (Откровение 22:17; Јован 4:14) {КВ 454.3}

50. МЕЃУ СТАПИЦИ

Оваа поглавје е засновано на Јован 7:16-36, 40-53; 8:1-11.

За сето време додека се наоѓал во Ерусалим за време на празникот, Исус бил шпиониран. Од ден на ден биле ковани нови планови како Тој да се замолчи. Свештениците и поглаварите настојувале да го фатат во стапица. Имале намера да го замолчат со сила. Но, тоа не било сè. Тие сакале тој галилејски учител да го понизат пред народот. {КВ 455.1}

Првиот ден дошле кај Него со прашањето кој го овластил да поучува. Сакале да го пренасочат вниманието од Него на прашањето за Неговото право да поучува, а со тоа и на нивната сопствена важност и достоинство. {КВ 455.2}

Исус рекол: „Мојата наука не е Моја, туку на Оној што ме прати. Ако некој сака да ја твори Неговата волја, ќе знае дали оваа наука е од Бога или Јас зборувам сам од Себе". (Јован 7:16, 17) На прашањето на тие ситничари, Исус не одговорил на замерката, туку ја изнел вистината која е пресудна за спасение на душата. „Спознавањето и ценењето на вистината" рекол Тој, „зависи помалку од разумот отколку од срцето". Вистината мора да биде примена во душата; таа бара поклонение од страна на волјата. Ако само разумот би ја примал вистината, тогаш горделивоста не би претставувала пречка за примање на вистината. Меѓутоа, вистината треба да се прими преку делување на благодатта врз срцето, а тоа бара одрекување на секој грев на кој укажува Божјиот Дух. Колку и да се големи предностите на човекот да ја запознае вистината, тоа нема да му биде од никаква полза, освен ако неговото срце не е отворено да ја прими вистината и ако свесно не се откаже од сите навики и постапки кои се спротивни на начелата на вистината. На сите оние што на ваков начин му се предаваат на Бога, имајќи искрена желба да ја знаат и творат Неговата волја, вистината се открива како Божја сила за спасение. Таквите луѓе се во состојба да прават разлика меѓу оној што зборува во Божјо име и оној што зборува сам од себе. Фарисеите не се потчинувале на Божјата волја. Тие не се труделе да ја запознаат вистината, туку да најдат некој изговор за да ја заобиколат. Христос покажал дека поради тоа фарисеите не го разбирале Неговото учење. {КВ 455.3}

Потоа Тој укажал на мерилото врз основа на кое вистинскиот учител се разликува од измамникот: „Кој зборува сам од себе, ја бара својата слава. А кој ја бара славата на Оној што го пратил, тој е вистинит и во него нема неправедност". (Јован 7:18) Оној што бара лична слава, тој зборува само од себе. Со тоа духот на себичност го издал своето потекло. Меѓутоа, Христос ја барал Божјата слава. Тој зборувал Божји зборови. Тоа бил доказ за Неговиот авторитет да биде учител на вистината. {КВ 456.1}

Исус им дал доказ на рабините за Своето божество со тоа што им покажал дека знае што се крие во нивните срца. Сакајќи да го уништат уште од денот кога го излекувал Болниот во Витезда, тие го кршеле токму оној закон за кој исповедале дека го бранат. Исус рекол: „Зар Мојсеј не ви го даде законот? Но никој од вас не го извршува законот? Зошто сакате да ме убиете?" {КВ 456.2}

Како блесок на светлина, овие зборови им ја откриле на рабините бездната на пропаста во која само што не се струполиле. За миг биле исполнети со ужас. Виделе дека се во судир со бесконечна сила. Меѓутоа, не сакале да ја примат опомената. За да го сочуваат своето влијание кај народот, морале да ги прикријат своите убиствени намери. Избегнувајќи да одговорат на Исусовото прашање, тие извикале: „Ѓавол е во тебе. Кој сака да те убие?" Со тоа инсинуира дека Исусовите прекрасни дела биле поттикнати од зол дух. {КВ 456.3}

Христос не обрнувал внимание на тие инсинуации. Тој сакал да покаже дека исцелувањето во Витезда било во хармонија со саботата и дека тоа било оправдано според толкувањето кое Евреите му го даваат на Законот. Тој рекол: „Вам Мојсеј ви даде обрезание... И вие во саботен ден обрежувате човек". Според законот, секое дете морало да биде обрежано во осмиот ден. Ако тој ден бил сабота, обредот тогаш морал да се изврши. Колку повеќе мора да биде во склад со духот на законот да се „исцели сиот човек во саботен ден". Тој ги предупредил: „Не судете според надворешноста, туку судете според праведен суд". {КВ 456.4}

Поглаварите замолкнале, а многумина од народот извикале: „Зар ова не е оној што сакаат да го убијат? А, еве, Тој слободно зборува и ништо не му велат. Да не се уверите и поглаварите дека Тој навистина е Христос?“ {КВ 457.1}

Меѓу Христовите слушатели се наоѓале многу жители од Ерусалим на кои им биле познати заговорите на поглаварите против Него и тие почувствувале дека кон Него ги привлекува некоја неодолива сила. Им се наметнувало уверувањето дека Тој е Божји Син. Меѓутоа, сатаната бил подготвен да поттикне сомневања, а патот за тоа го подготвиле нивните погрешни идеи за Месијата и за Неговото доаѓање. Постоело општо верување дека Христос ќе се роди во Витлеем, но дека по извесно време ќе исчезне и при Неговото повторно доаѓање никој нема да знае од каде дошол. Не бил мал бројот на оние кои сметале дека Месијата нема да има никакво природно сродство со човештвото. Бидејќи Исус не одговарал на распространетото сфаќање за славата на Месијата, многумина се поведувале по сугестијата: „Но овој Човек ние знаеме од каде е но, кога ќе дојде Христос, никој не ќе знае од каде е”. {КВ 457.2}

Додека се колебале помеѓу сомневањето и верата, Исус ги прочитал нивните мисли и им одговорил: „Вие Мене ме познавате и знаете од каде сум; но Сам од Себе не дојдов, туку вистински е Оној што Ме прати, Кого вие не го познавате”. Тие тврделе дека знаат за Христовото потекло, но воопшто не го познавале. Кога би живееле во согласност со Божјата волја, тие би го познале Неговиот Син, кога Тој им се открил. {КВ 457.3}

Зборовите биле толку јасни, што морале да ги разберат. Очигледно со тоа било повторено тврдењето што го кажал пред Синедрионот неколку месеци пред тоа, кога се објавил Себеси како Божји Син. Како што тогаш имале намера да го убијат, поглаварите и сега се обидувале да го фатат, но ги спречувала една невидлива сила, која ставила граница на нивниот бес, говорејќи им: „До овде ќе дојдеш, а понатаму не”. {КВ 457.4}

Меѓу народот се наоѓале многумина кои верувале во Него и тие рекле: „Кога ќе дојде Христос, зар ќе прави повеќе чуда од оние што ги направи овој Човек?“ Фарисеите и поглаварите кои внимателно го следеле текот на настаните, забележале во мноштвото изрази на наклонетост. Тие брзо отишле кај главните свештеници и ги изнеле своите планови да го уапсат Исус. Меѓутоа, имале намера да го направат тоа, кога Тој ќе биде сам, не осмелувајќи се да го фатат во присуство на народот. Исус и овој пат покажал дека ги чита нивните мисли. Тој рекол: „Уште малку време сум со вас, па си заминувам кај Оној што ме прати. Ќе ме барате, а нема да ме најдете и каде што ќе бидам Јас, вие не ќе можете да дојдете”. Наскоро Тој ќе најде засолниште надвор од досегот на нивното подбивање и омраза. Тој ќе се возвиши кај Таткото и повторно ангелите ќе го обожаваат, а таму Неговите убијци никогаш нема да можат да дојдат. {КВ 457.5}

Рабините подбивајќи се, рекле: „Каде ќе оди овој за да не можеме да го најдеме? Зар има намера да оди при расеаните меѓу незнабошците и да ги поучува незнабошците?“ Овие ситничари не ни сонувале дека со своите подбивни зборови ја опишале Христовата мисија! Цел ден ги подавал Своите раце кон непослушниот народ, народ кој оспорувал и противречел; Сепак ќе го најдат оние што не го барале и Тој ќе им се покаже на оние кои не го повикуваат Неговото име. (Римјаните 10:20,21) {КВ 458.1}

Погрешните тврдења на свештениците и рабините завеле многумина кои биле уверени дека Исус е Божји Син. Тие учители со значителен успех ги повторувале

пророштвата за Месијата, дека Тој ќе „царува на Сион и во Ерусалим и ќе се прослави пред своите старешини“ и дека ќе владее „од море до море и од реката до крајот на светот”. (Исаија 24:23; Псалм 72:8) Тие со презир ја споредувале славата што е опишана тука со понизната Исусова појава. Тие ги извртеле и самите зборови на пророштвото за да ја поткрепат заблудата. Кога луѓето искрено би ја проучувале Речта за себе, тие не би биле заведени. Во шеесет и првото поглавје Исаија сведочи дека Христос ќе го направи токму она дело коешто го направил. Во педесет и третото поглавје се укажува на Неговото отфрлање и страдање во светот, а во педесет и деветтото поглавје се опишува карактерот на свештениците и рабините. {КВ 458.2}

Бог не ги принудува луѓето да се откажат од своето неверување. Пред нив се светлината и темнината, вистината и заблудата. На нив е да одлучат што ќе прифатат. Човечкиот разум е надарен со способност да прави разлика помеѓу доброто и злото. Бог сака човекот да не одлучува според моменталното чувство, туку врз основа на докази, споредувајќи внимателно библиски текст со библиски текст. Доколку Евреите ги ставиле настрана своите предрасуди и го споредиле пишаното пророштво со фактите кои го карактеризирале Исусовиот живот, тие би забележале прекрасна хармонија меѓу пророштвата и нивното остварување во животот и службата на понизниот Галилеец. {КВ 458.3}

Многумина и денес се измамени на истиот начин како и некогашните Евреи. Верските учители ја читаат Библијата во светлина на своите сопствени ставови и традиции, а луѓето не ја истражуваат Божјата Реч сами за себе и не оценуваат самостојно што е вистина, туку се потпираат на туѓ суд и ја доверуваат својата душа на нивните водачи. Проповедањето и поучувањето на Божјата Реч е еден од начините што Бог ги одредил за ширење на светлината, но ние мораме да го провериме учењето на секој човек со Светото Писмо. Секој што со молитва ја проучува Библијата, со желба да ја запознае вистината за да и се покорува, ќе прими божествено просветлување. Ќе го разбере Светото Писмо. „Ако некој сака да ја твори Неговата волја, ќе разбере за учењето”. (Јован 7:17) {КВ 459.1}

Последниот ден од празникот, слугите што биле испратени од свештениците да го уапсат Исуса се вратиле без Него. Свештениците луто запрашале: „Зошто не го доведовте?“ Тие со свечен израз на лицето одговориле: „Никогаш ниту еден човек не зборувал како овој Човек”. {КВ 459.2}

Иако нивните срца биле доста стврднати, тие биле растопени од Неговите зборови. Додека Тој зборувал во предворјето на храмот, тие се задржувале во близина, за да слушнат нешто што би можеле да го свртат против Него. Но, додека слушале, целта за која биле пратени била заборавена. Тие стоеле како маѓепсани. Христос им се открил Себеси на нивните души. Тие го виделе она што свештениците и поглаварите не сакале да го видат човечкото осветлено со славата на божеството. Тие се вратиле толку исполнети со таа мисла, толку импресионирани од Неговите зборови, така што на прашањето: „Зошто не го доведовте?“; тие можеле само да одговорат: „Никогаш ниту еден човек не зборувал како овој Човек”. {КВ 459.3}

И свештениците и поглаварите имале ист впечаток, кога првпат дошле во допир со Христа. Нивните срца биле длабоко возбудени и ним им се наметнувала мислата: „Никогаш ниту еден човек не зборувал како овој Човек”. Меѓутоа, тие го задушиле тоа убедување што Доаѓало од Светиот Дух. Сега, разбеснети од тоа што дури и орудијата на законот потпаднале под влијание на замразениот Галилеец, извикале: „Зар и вие сте

измамени? Поверува ли во Него некој од водачите или фарисеите? Туку овој народ што не го знае законот проклет е". {КВ 459.4}

Оние на кои им се изнесува веста на вистината ретко се прашуваат: „Дали е тоа вистина"; туку прашуваат: „Кој станува во нејзина одбрана?" Повеќето ја ценат според тоа колку луѓе ја прифатиле, но Сепак го поставуваат прашањето: „Дали некој од учените луѓе или верските водачи поверувал?" Денес луѓето не сè повеќе наклонети кон вистинската побожност, отколку што биле во Христово време. Тие на ист начин желно копнеат по земни добра, запоставувајќи го вечното богатство. Затоа не е никаков доказ против вистината тоа што повеќето луѓе не сакаат да ја прифатат или што не ја прифатиле големите луѓе на овој свет, па дури ни верските водачи. {КВ 459.5}

Свештениците и поглаварите продолжиле да коваат планови за апсење на Спасителот. Се истакнувало дека, ако и понатаму го остават на слобода, ќе го отуѓи народот од неговите тогашни водачи и дека затоа единствен сигурен начин е да го замолчат без одложување. Меѓутоа, токму во моментот кога расправата достигнала врв, тие биле прекинати, Никодим запрашал: „Осудува ли нашиот закон некого ако прво не се сослуша и не се дознае што прави?" Завладеала тишина. Зборовите на Никодим ја погодиле нивната совест. Не можеле да осудат човек, а да не го сослушаат. Но тоа не била единствената причина што горделивите поглавари замолкнале, насочувајќи ги погледите кон човекот кој се осмелил да бара правда. Биле изненадени и засрамени што еден човек од нивната средина толку потпаднал под влијание на Исусовиот карактер, па проговорил во Негова одбрана. Откако се созеле, тие му се обратиле на Никодим со остар сарказам: „Да не си и ти од Галилеја? Испитај и види дека од Галилеја не Доаѓа пророк". {КВ 460.1}

Сепак, овој протест довел до тоа акцијата на Синедрионот привремено да запре. Поглаварите не биле во состојба да ја остварат својата намера и да го осудат Исуса без сослушување. Привремено поразени „секој се врати дома, а Исус отиде на Маслиновата Гора". {КВ 460.2}

Исус ги напуштил возбудата и метежот во градот, љубопитното мноштво и подмолните рабини, барајќи мир во Маслиновата Гора, каде што можел да биде сам со Бога. Меѓутоа, рано изутрината се вратил во храмот и кога народот се собрал околу Него, Тој седнал и ги поучувал. {КВ 460.3}

Набргу бил прекинат. Му пристапила една група фарисеи и книжевници, влечејќи со себе една ужасена жена, која со остри и лути гласови ја обвинувале дека ја прекршила седмата заповед. Откако ја турнале пред Исуса, му рекле со лицемерна почит: „Мојсеј во законот ни нареди таквите жени да ги каменуваме, Ти пак, што велиш?" {КВ 460.4}

Нивното наводно почитување го прикривало тајниот и внимателно испланиран план за Негова пропаст. Сакале да ја искористат оваа можност и да издејствуваат негова осуда, бидејќи, каква и да била неговата одлука, би им се дала можност да го обвинат. Ако ја ослободи жената, би можеле да го обвинат дека го презира Мојсеевиот закон. Ако им каже дека заслужила смрт, би можеле да го обвинат кај Римјаните дека си ја присвојува власта што само ним им припаѓа. {КВ 460.5}

Исус еден момент ја набљудувал таа сцена жртвата која треперела од срам и големодостојниците со сурово лице, лишени од секакво човечко сожалување. Неговиот совршено чист дух се набрал од оваа сцена. Добро знаел зошто ја довеле оваа жена пред Него. Ги читал срцата и го познавал карактерот и животната историја на сите што стоеле тука пред Него. Овие таканаречени чувари на правдата сами ја навеле својата

жртва на грев за да му постават стапица на Исуса. Не покажувајќи никаков знак дека го слушнал нивното прашање, Исус се наведнал, и гледајќи во земјата, почнал да пишува во правта. {КВ 461.1}

Нетрпеливи поради Неговото оддолжување и видливата рамнодушност, обвинителите се доближиле поблизу, свртувајќи го Неговото внимание кон овој предмет. Но, кога нивниот поглед, следејќи го Исусовиот поглед, паднал на плочникот при Неговите нозе, изразот на пицата им се изменил. Тука, пред нив, биле испишани грешните тајни на нивниот живот. Присутните што набљудувале, забележале како изразот на пицата наеднаш им се променил, па се потиснале нанапред за да видат што е тоа што го набљудуваат тие со толкава вчудовиденост и срам. {КВ 461.2}

Колку и да зборувале дека имаат стравопочит кон законот, овие рабини, со подигањето обвинување против жената ги кршеле неговите одредби. Сопругот бил должен да поведе постапка против неа и двајцата учесници требало подеднакво да се казнат. Постапката на обвинувачите била незаконска. Но како и да било, Исус се соочил со нив на нивно тло. Законот налагал при извршување на казната со каменување, сведоците први да фрлат камен. Подигајќи го Својот поглед и насочувајќи го кон подмолните старешини, Исус рекол: „Кој меѓу вас е без грев, прв нека фрли камен на неа". И наведнувајќи се, продолжил да пишува врз тлото. {КВ 461.3}

Исус не го оставил настрана законот кој бил даден преку Мојсеја, ниту го погазил авторитетот на Рим. Тужителите биле поразени. Сега, откако од нив биле симнати облеките на наводната светост, тие стоеле виновни и осудени во присуство на Бесконечната Чистота. Трепереле, за пред мноштвото да не се открие скриеното беззаконие на нивниот живот, и еден по еден, со наведнати глави и наведнати погледи, крадешкум си заминале, оставајќи ја својата жртва со сочувствителниот Спасител. {КВ 461.4}

Исус станал, и погледнувајќи ја жената рекол: „Жено, каде се оние што те обвинуваа? Ниеден ли не те осуди? Таа рече: Ниеден, Господе. И Исус и рече: Ни Јас не те осудувам; оди си и не греши повеќе". {КВ 461.5}

Жената стоела пред Исуса, треперејќи од страв. Неговите зборови: „Кој меѓу вас е без грев, прв нека фрли камен на неа" и звучеле како смртна пресуда. Не се осмелувала да го подигне својот поглед кон лицето на Спасителот, туку молчела очекувајќи ја својата пропаст. Зачудена, видела како нејзините обвинувачи заминуваат без зборови и збунети, а тогаш, до нејзините уши допреле зборови на надеж: „Ни Јас не те осудувам; оди си и не греши веќе". Срцето и било трогнато, па паднала пред Исусовите нозе, изразувајќи ја со пипање својата благодарна љубов и со горчливи солзи ги исповедала своите гревови. {КВ 462.1}

Тоа за неа бил почеток на еден нов живот, живот на чистота и мир, посветен на Божјата служба. Подигнувајќи ја таа падната душа, Исус извршил многу поголемо чудо, отколку во исцелувањето на најтешките телесни болести; Тој ја излекувал од духовната болест која донесува вечна смрт. Оваа жена покајничка станала една од Неговите најлојални следбеници. На неговата милост што простува, таа возвратила со самопожртвувана љубов и со преданост. {КВ 462.2}

Давајќи и прошка на оваа жена и охрабрувајќи ја да живее еден подобар живот, Исусовиот карактер зрачел во убавината на совршената праведност. Додека Тој не го оправдува гревот, ниту го намалува чувството на вина, Тој не настојува да осуди, туку да спаси. Светот покажал само презир и подбив кон таа заблудена жена; меѓутоа, Исус и изговорил зборови на утеха и надеж. Безгрешниот имал сожалување кон слабоста на

оваа грешница и и подал рака помошничка. Додека лицемерните фарисеи ја обвинувале, Исус и наложил: „Оди си и не греши повеќе”. {КВ 462.3}

Човекот што го свртува својот поглед од заблудените и дозволува непречено и понатаму да паѓаат сè пониско, не е Христов следбеник. Оние кои обично предводат во обвинување на другите и кои ревнуваат во нивното казнување, честопати сè повеќе виновни од нив во својот живот. Луѓето го мразат грешникот, но го љубат гревот. Христос го мрази гревот, но го љуби грешникот. Таков ќе биде духот на сите оние кои одат по Него. Христијанската љубов бавно укорува, брзо го воочува покајанието, подготвена е да прости, да охрабри, да го изведе заблудениот на патеката на светоста и да ги задржи неговите стапала на неа. {КВ 462.4}

51. „СВЕТЛИНА НА ЖИВОТОТ"

Оваа поглавје е засновано на Јован 8:12-59; 9.

„Исус повторно им прозборе, велејќи: ‘Јас сум Светлината на светот. Оној што ме следи Мене, нема да оди во темнина, туку ќе ја има Светлината на животот’”. {КВ 463.1}

Кога ги изговорил тие зборови, Исус се наоѓал во оној дел од храмот што бил посебно поврзан со службите на Празникот Сеници. Во средината на ова предворје се издигале два високи столба на кои се наоѓале огромни светилници. По принесувањето на вечерната жртва сите светилки биле запалени, така што нивната светлина блескала над Ерусалим. Овој обред бил одржуван во спомен на столбот на Светлината, кој ги водел Израелците во пустината, а исто така се сметало дека укажува на доаѓањето на Месијата. Навечер, кога светилките биле запалени, во предворјето владеела голема радост. Постари луѓе со бела коса, свештениците во храмот и поглаварите на народот, учествувале во свечените танци според звуците на инструменталната музика и пеењето на Левитите. {КВ 463.2}

Во осветувањето на Ерусалим била изразена националната надеж во доаѓањето на Месијата, Кој со својата светлина ќе го осветли Израел. Меѓутоа, за Исуса таа сцена имала пошироко значење. Како што блескавите светилки на храмот осветлувале сè околу себе, така Христос изворот на духовна светлина ја осветлува темнината на светот. Сепак, тој симбол не бил совршен. Големата светлина која ја поставила Неговата рака на небото била подобра претстава за славата на Неговата мисија. {КВ 463.3}

Било утро. Сонцето само што се појавило над Маслиновата Гора и неговите зраци со заслепувачки сјај се разлеале по мермерните палати, осветлувајќи го златото по ѕидовите на храмот, кога Исус, покажувајќи на сонцето, рекол: „Јас сум светлината на светот”. {КВ 463.4}

Меѓу оние што ги слушале тие зборови, се наоѓал еден човек кој многу подоцна ги повторил овие зборови: „Во неа беше животот и животот им беше светлина на луѓето. И Светлината светеше во темнина, но темнината не ја разбрала”. „Тоа беше вистинската светлина, која го осветлува секој човек, што Доаѓа во светот”. (Јован 1:4,5,9) Нешто подоцна, по Христовото вознесување, Петар пишувајќи под вдахновение на Светиот Дух, се сетил на симболот што го употребил Христос: „Ние имаме исто така и сигурна пророчка реч и вие добро правите што внимавате на неа како на светило што свети на темно место додека не осамне ден и додека не се појави ѕвездата Деница во вашите срца”. (2. Петрово 1:19) {КВ 464.1}

Секогаш, кога Бог му се јавувал на Својот народ, светлината била симбол на Неговото присуство. На почетокот, кога била изговорена Речта на создавањето, од темнината заблескала светлина. Светлината била скриена во столб од облак дење, а во столб од пламен ноќе и тој столб ја водел големата израелска војска. Светлината страшно многу величествено блескала околу Господ на Синајската гора. Светлина почивала врз поклопецот на милоста во светилиштето. Светлината го исполнила Соломоновиот храм при неговото посветување. Светлината ги осветлувала витлеемските брекчиња, кога ангелите ја донеле веста за спасение на пастирите кои будно стражареле. {КВ 464.2}

Бог е светлина; и со зборовите „Јас сум светлината на светот“ Христос објавил дека е едно со Бога, како што ја објавил Својата врска со целокупното човечко семејство. Тој на почетокот причинил „од темнината да засвети светлина”. (2. Коринтјаните 4:6) Тој е светлина на сонцето, на месечината и на ѕвездите. Тој бил духовната светлина што во симболите, фигурите и пророштвата светлела над Израел. Меѓутоа, светлината не била дадена само на еврејскиот народ. Како што сончевите зраци допираат до најоддалечените краеви на Земјата, така и светлината на Сонцето на Праведноста ја осветлува секоја душа. {КВ 464.3}

„Тоа беше вистинската светлина, која го осветлува секој човек, што Доаѓа во светот”. Светот имал свои големи учители луѓе со генијален ум и со способности за длабоко проучување, луѓе чии зборови поттикнувале мисли и отворале пространи полиња на знаење; тие луѓе биле почитувани како водачи и добродетели на човечкиот род. Меѓутоа, Тој е повозвишен од нив. „А на сите што го примија Тој им даде власт да станат Божји синови”. „Бога не го видел никој никогаш; Единородниот Син, Кој е во крилото на Таткото, Тој го објави”. (Јован 1:12,18) Ние можеме да ја следиме наназад низата на големите учители на овој свет онолку колку што далеку одат човечките записи, но Светлината била пред нив. Како што Месечината и ѕвездите од Сончевиот систем светат затоа што од нив се одбива сончевата светлина, така и големите мислители на светот, доколку нивното учење е вистинито, претставуваат само отсјај на зраците на Сонцето на Праведноста. Секоја скапоцена мисла, секој блесок на разумот Доаѓа од Светлината на светот. Во денешно време многу слушаме за „високото образование”. Вистинско „високо образование“ е она што го дава Оној „во Кого е скриено сето богатство на мудроста и знаењето”. „Во Него беше животот и животот им беше светлина на луѓето”. (Колосјаните 2:3; Јован 1:4) „Оној што ме следи Мене“ рекол Исус, „нема да оди во темнина, туку ќе ја има светлината на животот”. {КВ 464.4}

Со зборовите „Јас сум светлината на светот“ Исус објавил дека е Месијата. Во храмот во кој Христос проповедал, стариот Симеон зборувал за Него како за „светлина за осветлување на незнабошците и слава на Твојот народ Израел”. (Лука 2:32) Со овие зборови тој применил на Исус едно пророштво што му било познато на цел Израел. Светиот Дух преку пророкот Исаија рекол: „Малку е да ми бидеш слуга, да ги подигнеш племињата на Јаков и да го вратиш остатокот Израелев; Јас ќе те поставам за светлина на незнабошците, за Моето спасение да достигне до крајот на Земјата”. (Исаија 49:6) Според општото толкување, тоа пророштво се однесувало на Месијата, а кога Исус рекол: „Јас сум светлината на светот“ народот не можел, а да не го препознае Неговото тврдење дека Тој е Ветениот. {КВ 465.1}

На фарисеите и поглаварите тоа тврдење им изгледало како дрско присвојување. Тие не можеле да дозволат такво нешто да тврди човек што е како нив. Правејќи се дека ги игнорираат Неговите зборови, тие прашале: „Кој си Ти?“ Одлучиле да го принудат на

јавно признание дека Тој е Христос. Неговиот надворешен изглед и Неговото дело толку се разликувале од она што го очекувал народот, така што неговите лукави непријатели сметале дека народот ќе го отфрли како измамник, ако отворено каже дека е Месијата. {КВ 465.2}

Меѓутоа, на нивното прашање: „Кој си Ти?“ Исус одговорил: „Она што ви го кажав од почетокот”. Она што се откривало во Неговите зборови, се откривало исто така и во Неговиот карактер. Тој бил олицетворение на оние вистини што ги проповедал. Потоа Исус рекол: „Јас ништо не правам сам од Себе, туку зборувам онака како што ме научи Мојот Татко. Оној што Ме прати е со Мене. Таткото не Ме остави сам, зашто Јас секогаш го правам она што му е Нему угодно”. Тој не се обидувал да го докаже Своето тврдење дека е Месија, туку укажал на Своето единство со Бога. Кога нивните умови би биле отворени за Божјата љубов, тие би го примиле Исуса. {КВ 465.3}

Меѓу Неговите слушатели се наоѓале многумина кои биле привлечени кон Него со вера, па им рекол: „Ако вие продолжите во Мојата наука, навистина сте Мои ученици; и ќе ја запознаете вистината и вистината ќе ве ослободи”. {КВ 466.1}

Овие зборови ги соблазниле фарисеите. Заборавајќи дека народот толку долго бил потчинет под туѓ јарем, луто извикале: „Ние сме потомци Авраамови и никогаш никому не сме му робувале. Како велиш ти: Ќе станете слободни?“ Исус ги набљудувал овие луѓе робови на злобата, чии мисли биле насочени кон одмазда и тажно одговорил: „Вистина, вистина, ви велам, секој што прави грев, роб му е на гревот”. Тие биле во најтешко ропство биле управувани од лош дух. {КВ 466.2}

Секој човек кој одбива да му се предаде на Бога се наоѓа под власт на една друга сила. Таквиот човек не си припаѓа сам на себеси. Тој може да зборува за слободата но, всушност се наоѓа во најлошо ропство. Тој не е во можност да ја види убавината на вистината, бидејќи неговиот разум е под власт на сатаната. Иако себеси се лаже дека ги следи диктатите на сопствениот разум, тој всушност се покорува на волјата на кнезот на темнината. Христос дошол да ги искине од душата оковите на ропството на гревот. „И ако ве ослободи Синот, навистина ќе бидете слободни”. „Законот на Духот на животот во Христа Исуса“ не „ослободува од законот на гревот и смртта”. (Римјаните 8:2) {КВ 466.3}

Во делото на спасување нема принудување. Тука не се употребува никаква надворешна сила. Под влијание на Божјиот Дух, човекот има можност слободно да одлучи кому ќе му служи. Највозвишеното чувство на слобода се наоѓа во промената која се случува, кога душата ќе му се потчини на Христа. Отфрлањето на гревот е акт кој го врши самата душа. Вистина, ние не можеме сами да се ослободиме од власта на сатаната. Меѓутоа, кога копнееме да се ослободиме од гревот и ако чувствувајќи ја својата голема потреба во молитва бараме сила која е надвор од нас и над нас, божествената сила на Светиот Дух ги исполнува силите на нашата душа и тие се покоруваат на Божјата волја. {КВ 466.4}

Единствен услов под кој е можна човековата слобода се состои во тоа човекот да стане едно со Христа. „Вистината ќе ве ослободи“, а Христос е вистина. Гревот може да триумфира само ако го заслабне разумот и ако ја уништи слободата на душата. Да му се потчиниме на Бога значи да се вратиме на самите себеси, да се вратиме на славата и достоинството на човекот. Божествениот закон на кој треба да се покоруваме е „закон на слободата”. (Јаков 2:12) {КВ 466.5}

Фарисеите тврделе дека се Авраамови деца. Исус им рекол дека тоа тврдење можат да го докажат само ако ги творат Авраамовите дела. Вистинските Авраамови

потомци би живееле онака како што живеел тој живот на послушност кон Бога. Тие не би се обидувале да го убијат Оној, Кој ја зборувал вистината што му ја дал Бог. Ковајќи заговор против Христа, рабините не правеле Авраамови дела. Фактот дека потекнуваат од Авраама сам по себе нема никаква вредност. Без духовната поврзаност со него, која се манифестира во тоа што би го имале истиот дух и би ги вршеле истите дела, тие не биле негови деца. {КВ 466.6}

Тоа начело е исто толку значајно за едно прашање кое долго го возбудувало христијанскиот свет прашањето за апостолската наследност. Потеклото од Авраам не се докажува со име и лоза, туку со сличноста на карактерот. Исто така, апостолската наследност не се заснова на пренесувањето на црковната власт, туку на духовното сродство. Животот поттикнат од апостолскиот дух, верувањето и вистината што тие ја поучувале тоа е вистинскиот доказ за апостолската наследност. На тој начин луѓето стануваат наследници на првите проповедници на евангелието. {КВ 467.1}

Исус го негирал тврдењето дека Евреите се Авраамови деца. Тој рекол: „Вие ги вршите делата на својот Татко". Подбивајќи се, тие одговориле: „Ние не сме родени од блудство; ние имаме еден Татко Бог". Овие зборови, како илузија на околностите на Христовото раѓање, требало да бидат стрела против Христа во присуство на оние кои почнувале да веруваат во Него. Исус не обрнувал внимание на тие подли навестувања, туку рекол: „Ако Бог беше ваш Татко, тогаш би ме сакале Мене, зашто Јас излегов и дојдов од Бога". {КВ 467.2}

Нивните зборови и дела сведочеле за нивната врска со оној, кој бил лажливец и убиец. „Вашиот татко е ѓаволот" рекол Исус, „и сакате да ги исполнувате желбите на својот татко. Тој беше убиец на луѓето од почеток и не стои во вистината, зашто во него нема вистина... Мене не ми верувате, зашто ви ја зборувам вистината". (Јован 8:44,45) Фактот дека Исус ја зборувал вистината, и тоа со сигурност, била причина што еврејските водачи не го прифатиле. Тие самоправедни луѓе биле соблазнети од вистината. Вистината ја открила сета лажност на заблудата, го осудувала нивното учење и начин на живот и затоа не била добредојдена. Повеќе сакале да ги затворат своите очи пред вистината, отколку понизно да признаат дека биле во заблуда. Тие не ја сакале вистината. Не ја посакувале, иако била вистина. {КВ 467.3}

„Кој од вас ќе ме докаже виновен за грев? Ако ви ја зборувам вистината, зошто не Ми верувате?" Три години од ден на ден непријателите го следеле Христа, трудејќи се да најдат некоја дамка во Неговиот карактер. Сатаната и сиот сојуз на злото сакале да го надвладеат, но во Него не нашле ништо со што би добиле предност. Дури и ѓаволите биле принудени да признаат: „Ти си Светец Божји". (Марко 1:24) Исус живеел според законот пред очите на Небото, пред очите на световите кои не паднале во грев и пред очите на грешните луѓе. Пред ангелите, демоните и луѓето, Тој изговорил зборови кои никој не можел да ги побие, зборови кои од кои било други усни би биле богохулство: „Јас секогаш го чинам она што Нему му е угодно". {КВ 467.4}

Фактот дека Евреите не сакале да веруваат во Христа, иако не можеле да најдат грев во Него, покажува дека тие сами немале поврзаност со Бога. Не го препознале Неговиот глас во пораката на Неговиот Син. Мислеле дека го осудуваат Христа, но отфрлајќи го, се осудиле себеси. „Оној кој е од Бога" рекол Исус, „ги слуша Божјите зборови. Вие не ги слушате затоа што не сте од Бога". {КВ 468.1}

Оваа поука е вистинита за сите времиња. Многу луѓе кои уживаат да ситничарат, да критикуваат, да пронајдат нешто сомнително во Божјата Реч, сметаат дека со тоа даваат доказ за слободата на своите мисли и за својата остроумност. Вообразуваат дека и судат

на Библијата, а всушност си судат себеси. Со тоа тие покажуваат дека не се во можност да ја ценат вистината која е од небесно потекло и која ја опфаќа вечноста. Нивниот дух не е исполнет со стравопочитување пред величественоста на Божјата праведност. Тие се задржуваат на ситници и со тоа ја покажуваат својата ограничена земна природа и срце кое не е во состојба да го осознае и да го почитува Бога. Човекот чие срце одговорило на божествениот допир, ќе копнее по она што го умножува неговото познавање за Бога, и го облагородува и издигнува карактерот. Како што цветот се свртува кон сонцето со цел сјајните зраци да можат да го допрат и да го обојат со убавина, така и душата ќе се сврти кон Сонцето на Праведноста, за небесната светлина да може да го разубави карактерот со убавите особини на Христовиот карактер. {КВ 468.2}

Подвлекувајќи остра разлика помеѓу нивниот став и ставот на Авраам, Исус продолжил: „Вашиот татко, Авраам, се радуваше да го види Мојот ден и го виде и се израдува". {КВ 468.3}

Авраам многу посакувал да го види ветениот Спасител. Најсесрдно се молел пред својата смрт да го види Месијата. И тој го видел Христа. Му била дадена натприродна светлина и го сфатил Христовиот божествен карактер. Го видел Неговиот ден и се израдувал. Му бил даден поглед на божествената жртва за гревот. За оваа жртва тој имал илустрација преку своето сопствено искуство. Добил заповед: „Земи го својот син, својот единец Исак, кого го љубиш,... и принеси го... како жртва паленица". (Создавање 22:2) На жртвениот олтар го положил синот на ветувањето во кого ги полагал своите надежи. Тогаш, додека чекал со подигнат нож да го послуша Бога, покрај олтарот слушнал Глас од небото, Кој рекол: „Не ја спуштај раката врз момчето и немој ништо да му сториш. Еве сега знам дека се боиш од Бога, зашто не го задржа од Мене ни својот син, својот единец". (Создавање 22:12) Авраам бил изложен на оваа ужасна проба за да го види Христовиот ден и да ја сфати големата Божја љубов кон светот, толку голема што за да го подигне светот од неговата деградација, го дал Својот единороден Син да умре со најсрамна смрт. {КВ 468.4}

Авраам од Бога научил најголема поука која некогаш му била дадена на еден смртник. Била услишена неговата молитва да го види Христа пред да умре. Го видел Христа, го видел сето она што смртните луѓе можат да го видат и да останат живи. Потчинувајќи се целосно на Божјата волја, бил во состојба да ја сфати визијата што му била дадена за Христа. Му било покажано дека Бог, давајќи го Својот единороден Син за да ги спаси грешниците од вечна пропаст, поднел поголема и повеличествена жртва од онаа што кога било би можел да ја принесе еден човек. {КВ 469.1}

Авраамовото искуство дава одговор на прашањето: „Со што ќе дојдам пред Господа и да паднам ничкум пред Севишниот Бог? Ќе дојдам ли пред Него со жртви паленици, со едногодишни телиња? Дали ќе му бидат на Господа мили илјада овнови, или десет илјади потоци масло? Дали да му го принесам првороденият син поради мојот престап, плодот на моето тело за гревот на мојата душа?" (Михеј 6:6, 7) Во Авраамовите зборови: „Сине, Бог ќе си обезбеди за Себеси јагне за жртва паленица" и во Божјото обезбедување на жртва наместо Исак, било објавено дека никој сам не може да се откупи себеси. Незнабожечкиот систем на жртви бил целосно неприфатлив за Бога. Ниеден татко не требало да го принесе својот син или ќерка како жртва за својот грев. Единствено Божјиот Син можел да ја понесе вината на светот. {КВ 469.2}

Преку своето страдање Авраам бил во состојба да ја види Спасителовата жртвена мисија. Меѓутоа Израелците не сакале да го сфатат она што било толку недобредојдено

за нивното горделиво срце. Христовите слушатели не го забележале длабокото значење на Неговите зборови за Авраама. Фарисеите во нив виделе само нов повод за ситничарење. Возвратиле со потсмев, како да можеле да докажат дека Исус е луд: „Уште немаш педесет години, а си го видел Авраама?“ {КВ 469.3}

Исус свечено и достоинствено им одговорил: „Вистина, вистина ви велам, ЈАС СУМ уште пред да се роди Авраам. {КВ 469.4}

Тишина завладеала на овој голем собир. Овој галилејски учител го присвоил Божјото име што му било дадено на Мојсеј за да се изрази поимот на вечно присуство. Се прогласил Себеси за Оној, Кој е самопостоечки, Оној, Кој бил ветен на Израел, „чиешто потекло е од дамнини, од вечните времиња”. (Михеј 5:2) {КВ 469.5}

Повторно свештениците и рабините повикале против Исуса како против богохулник. Неговото тврдење дека е едно со Бога и порано ги поттикнувало да му го одземат животот, а неколку месеци подоцна тие отворено рекле: „Не те каменуваме за добро дело, туку заради хула; заради тоа што се правиш Бог, иако си само човек”. (Јован 10:33) Тие биле решени да го уништат затоа што бил Божји Син и го изјавил тоа. Тогаш многумина што стоеле на страната на свештениците и рабините зеле камења да фрлат на Него. „Но Исус се сокри и излезе од храмот и минувајќи помеѓу нив, така си отиде”. {КВ 470.1}

Светлината засветила во темнината, но „темнината не ја сфати”. (Јован 1:5) {КВ 470.2}

„Одејќи по пат, виде човек слеп од своето раѓање. И го прашаа Неговите ученици: ‘Учителе, кој згрешил, тој или неговите родители, та се родил слеп?’ Исус одговори: ‘Не згрешил ниту тој, ниту неговите родители, туку за на него да се покажат Божјите дела..’. Кога го кажа тоа, плукна на земјата и со плунката направи кал со која му ги намачка очите на слепиот, па му рече: Оди, измиси се во бањата Силоамска што во превод значи Пратен. Тој отиде, се изми и се врати гледајќи”. {КВ 470.3}

Кај Евреите било распространето верувањето дека гревот се казнува во овој живот. Секоја неволја била сметана како казна за некое злодело коешто го направил самиот страдалник или неговите родители. Вистина е дека сите страдања произлегуваат од престапот на Божјиот закон, но таа вистина е извртена. Сатаната зачетникот на гревот и на сите негови последици ги наведува луѓето да гледаат на болеста и смртта како тие да доаѓаат од Бога како казна која самоволно се нанесува поради гревот. Затоа оној што го снашла некоја тешка болест или несреќа морал да го носи уште и тој додатен товар дека го сметаат како голем грешник. {КВ 471.1}

Така бил подготвен патот Евреите да го отфрлат Исуса. Оној што „ги понесе нашите болести и ги зеде нашите немоќи на Себе“ бил сметан од страна на Евреите дека „Бог го ранува, бие и мачи“ и затоа го засолнувале своето лице од Него. (Исаија 53:4,3) {КВ 471.2}

Бог дал една поука чија цел била да го спречи тоа. Историјата за Јов покажала дека страдањата ги нанесува сатаната, но Бог ги преиначува според Своите планови на милост. Меѓутоа, Израелците не ја разбрале таа поука. Отфрлајќи го Христа, Евреите ја направиле истата онаа грешка заради која Бог ги укорил пријателите на Јов. {КВ 471.3}

Христовите ученици го имале истото верување како Евреите за врската помеѓу гревот и страдањето. Исправајќи ја нивната заблуда, Исус не ја објаснил причината за несреќата на тој човек, туку им кажал какви ќе бидат последиците. Поради тоа ќе се манифестираат Божјите дела. Тој рекол: „Додека сум во светот, Јас сум светлината на светот”. Откако ги помазал очите на слепиот човек, го испратил да се измие во

Силоамската бања и видот му се вратил на човекот. Така на прашањето на учениците, Исус одговорил на практичен начин, како што вообичаено одговарал на прашањата што му биле поставувани од љубопитност. Учениците не биле повикани да полемизираат за тоа кој згрешил, а кој не, туку да ја сфатат Божјата сила и милост во давањето вид на слепиот. Било очигледно дека ниту калта, ниту бањата во која се измил слепиот човек немале никаква исцелувачка моќ, туку дека таа моќ се наоѓала во Христа. {КВ 471.4}

Тоа исцелување ги зачудило фарисеите. Сепак, тие биле исполнети со омраза повеќе од кога и да е, бидејќи тоа чудо било извршено во сабота. {КВ 471.5}

Соседите на момчето и оние што го познавале од порано, извикале: „Нели е ова оној што седеше и просеше?“ Го гледале со сомнеж, бидејќи со отворени очи, неговото лице било изменето и посреќно и изгледал како друг човек. Луѓето се прашувале еден со друг. Некои рекле: „Тој е“ други: „Напикува на него”. Меѓутоа, оној што го примил овој голем благослов, го прекинал ова распрашување и рекол: „Јас сум!“ Тогаш им раскажал за Исуса и како бил исцелен, а тие запрашале: „Каде е Тој?“ Тој рекол: „Не знам”. {КВ 471.6}

Тогаш го извеле пред советот на фарисеите. Тие повторно го прашале на кој начин прогледал. „А тој им рече: ‘Ми стави кал на очите, јас се измив и гледам’. Тогаш некои фарисеи рекоа: ‘Овој човек не Доаѓа од Бога, зашто не празнува сабота’”. Фарисеите се надевале дека ќе можат да го прикажат Исуса како грешник, кој поради тоа не може да биде Месијата. Не знаеле дека Оној што го излекувал слепиот човек ја создал саботата и ги познавал нејзините барања. Тие изгледале многу ревни во почитување на саботата, а планирале убиство токму тој ден. Меѓутоа, ова чудо оставило силно влијание на многумина што слушнале за ова чудо, така што биле убедени дека Оној, Кој му ги отворил очите на слепиот човек е повеќе од обичен човек. Одговарајќи на обвинувањето дека Исус е грешник затоа што не ја празнува саботата, тие рекле: „Како може грешен човек да прави такви чуда?“ {КВ 472.1}

Рабините повторно го прашале слепиот кој бил исцелен: „Што мислиш ти за Оној што ти ги отвори очите? А тој им рече: ‘Тој е пророк’”. Тогаш рабините почнале да тврдат дека тој не бил слеп од раѓање и дека не прогледал. Ги повикале неговите родители и ги прашале: „Дали ова е вашиот син за кого велите дека се родил слеп?“ {КВ 472.2}

Тука се наоѓал и човекот кој самиот изјавил дека бил слеп и на кого му бил повратен видот, но рабините попрво не би им верувале на своите очи, отколку да признаат дека биле во заблуда. Толку била силна предрасудата; толку изопачена фарисејската праведност. {КВ 472.3}

На фарисеите им преостанувала само една надеж, а тоа е да ги заплашат родителите на тој човек. Навидум искрено, прашале: „Како може сега да гледа?“ Родителите се плашеле да не се компромитираат, бидејќи било изјавено дека секој кој ќе го признае Исуса за Месија ќе биде „исклучен од синагогата“ триесет дена. За тоа време во домот на престапникот не можело да биде обрежано ниту едно дете, ниту да биде оплакан мртовец. Оваа осуда се сметала како голема несреќа, а доколку не довела до покајание, следела уште потешка казна. Големото дело извршено над нивниот син оставило длабок впечаток на родителите, но тие Сепак одговориле: „Знаеме дека ова е наш син и дека се роди слеп. А како може сега да гледа, не знаеме. Не знаеме ниту кој му ги отвори очите. Прашајте го него; тој е возрасен и ќе ви каже сам за себе”. Така ја префрлиле целата одговорност од себеси врз својот син, бидејќи не се осмелувале да го исповедаат Христа. {КВ 472.4}

Неизвесноста во која се нашле фарисеите, нивните сомнежи и предрасуди, нивното неверие во фактите сето тоа почнало да ги отвора очите на народот, а особено на обичните луѓе. Исус често правел чуда на улица, а Неговото дело секогаш ги ублажувало страдањата на несреќните. Многумина се прашувале себеси: „Дали Бог би вршел такви силни дела преку еден измамник, како што фарисеите тврделе за Исуса". Судирот станувал сериозен и на двете страни. {КВ 473.1}

Фарисеите увиделе дека со своите постапки му даваат публицитет на Исусовото дело. Тие не можеле да негираат дека чудото е направено. Исцелениот човек бил полн со радост и благодарност. Тој ги гледал прекрасните нешта во природата и убавината на небото и земјата го исполнила со задоволство. Тој слободно раскажувал што доживеал, а тие повторно се обиделе да го замолчат, велејќи: „Подај му слава на Бога; ние знаеме дека тој човек е грешник". Тоа значи: „Не зборувај повеќе дека тој Човек ти го вратил видот; Бог го направил тоа". {КВ 473.2}

Слепиот човек одговорил: „Дали Тој е грешник или не, јас не знам; но едно знам: Јас бев слеп, а сега гледам". {КВ 473.3}

Тие повторно го прашале: „Што ти стори? Како ти ги отвори очите?" Со многу зборови тие се обидувале да го збунат, така што тој можеби ќе помисли дека е измамен. Сатаната и неговите зли ангели биле на страната на фарисеите и ги соединиле своите сили и лукавство со човечкото резонирање, за да делуваат против Христовото влијание. Тие го отапиле уверувањето кое фаќало корен во многу умови. Божјите ангели исто така се наоѓале тука за да му дадат сила на човекот на кого му бил обновен видот. {КВ 473.4}

Фарисеите не сфатиле дека имаат работа со некој друг освен со необразованиот човек кој бил роден слеп; тие не го знаеле Оној со Кого биле во судир. Божествената светлина го осветлувала секој агол од душата на исцелениот. Кога тие лицемери се обиделе да го наведат на неверие, Бог му помогнал со своите силни и директни одговори да покаже дека тие не можат да го фатат во стапица. Одговорил: „Веќе ви кажав, но не слушавте. Што сакате повторно да чуете? Можеби сакате и вие да станете Негови ученици?" Тогаш почнаа да го навредуваат и рекле: „Ти си негов ученик, а ние сме Мојсееви ученици. Ние знаеме дека Бог му зборувал на Мојсеј, а од каде е овој, не знаеме". {КВ 474.1}

Господ знаел низ какви неволји минува тој човек, па му дал благодат и способност, така што станал сведок за Христа. Тој на фарисеите им одговарал со зборови кои биле остар прекор за оние кои му поставувале прашања. Тие тврделе дека се толкувачи на Библијата, дека се верски водачи на народот; но Сепак тука бил Некој, Кој правел чуда, а тие признавале дека не го познаваат ниту изворот на Неговата моќ, ниту Неговиот карактер и тврдења. „Тоа е и за чудење" рекол човекот, „што вие не знаете од каде е, а мене Сепак ми ги отвори очите. Знаеме дека Бог не слуша грешници, туку, ако некој е богобојазлив и ја врши Неговата волја, него го слуша. Од почетокот на светот не се слушнало некој да отвори очи на оној што бил роден слеп. Ако Тој не би бил од Бога, не би можел да направи ништо". {КВ 474.2}

Исцелениот човек се сретнал со своите инквизитори на нивен терен. Неговите аргументи биле несоборливи. Фарисеите биле изненадени и молчеле како маѓепсани од неговите директни, решителни зборови. Неколку моменти владеела тишина. Тогаш намуртените свештеници и рабини ги собрале околу себе своите облеки, како да се плашат од зараза во допир со него; ја истресле правта од своите нозе и фрлиле врз него осудувања: „Ти сиот си роден во гревови, и ти ќе не учиш нас?" И тие го исклучиле од синагогата. {КВ 474.3}

Исус слушнал што се случило и наоѓајќи го набргу, Тој рекол: „Веруваш ли во Божјиот Син?“ {КВ 474.4}

Прв пат слепиот човек го здогледал лицето на својот Исцелител. Пред да оди пред советот на фарисеите тој ги видел своите родители кои биле загрижени и збунети; ги набљудувал намуртените лица на рабините; сега неговите очи почивале на полното со љубов, спокојно Исусово лице. Тој веќе, по голема цена за себеси, го признал Него како носител на божествената сила. Сега му било дадено едно повозвишено откровение. {КВ 474.5}

На прашањето на Спасителот: „Веруваш ли во Божјиот Син?“ некогашниот слеп човек одговорил со прашањето: „А Кој е Тој господине, за да верувам во Него?“ Исус му рекол: „Си го видел Него и тоа е Оној што зборува со тебе”. Човекот се фрлил пред нозете на Спасителот во гест на обожавање. Не само што му бил подарен вид, туку се отвориле и очите на неговото разбирање. Христос се открил на неговата душа и Тој го примил како испратен од Бога. {КВ 475.1}

Недалеку се собрала една група фарисеи. Забележувајќи ги, Исус помислил на спротивноста што секогаш се манифестирала како резултат на Неговите зборови и дела и рекол: „Јас дојдов за суд на овој свет, за да прогледаат оние што не гледаат и да ослепат оние што гледаат”. Христос дошол да ги отвори слепите очи и да им подари светлина на оние што седат во темнина. Тој за Себе објавил дека е светлината на светот, а чудото кое тогаш го извршил ја потврдило Неговата мисија. Луѓето кои го гледале Спасителот кога Тој бил на Земјата, го имале тој благослов, да бидат сведоци на поцелосно откровение на божественото присуство, какво што никогаш порано светот не уживал. Знаењето за Бога е откриено поцелосно. Меѓутоа, токму ова откровение било суд за оние кои не го прифаќале. Нивниот карактер бил ставен на проба, нивната судбина била одредена. {КВ 475.2}

По манифестирањето на божествената моќ, која на слепиот човек му дала природен и духовен вид, фарисеите останале во уште поголема темнина. Чувствувајќи дека Христовите зборови се однесуваат на нив, некои од нив прашале: „Зар и ние сме слепи?“ Исус одговорил: „Кога би биле слепи, не би имале грев”. Кога Бог би направил да биде невозможно за вас за да ја видите вистината, вашето незнаење не би претставувало грев. „Но сега тврдите дека гледате”. Сметате дека сте во состојба да гледате, а го отфрлате единствениот начин со чија помош можете да добиете вид. На сите кои ја сфатиле својата потреба, Христос им пришол со неизмерна помош. Меѓутоа, фарисеите не сакале да признаат дека нешто им недостига. Тие одбивале да дојдат кај Христа и затоа останале во слепило во слепило за кое самите биле виновни. Исус рекол: „Вашиот грев останува”. {КВ 475.3}

52. БОЖЕСТВЕН ПАСТИР

Оваа поглавје е засновано на Јован 10:1-30.

„Јас сум Добриот Пастир. Добриот пастир го дава својот живот за овците”. „Јас сум Добриот Пастир и ги познавам овците Мои и Моите овци ме познаваат Мене. Како Мене што ме познава Таткото така и Јас што го познавам Таткото; и Својот живот Јас го давам за овците”. {КВ 476.1}

Исус и овој пат нашол пристап до умовите на Своите слушатели користејќи слики од секојдневниот живот. Тој го споредил влијанието на Духот со студена, освежувачка вода. Себеси се прикажал како светлина, изворот на живот и радост за природата и човекот. Сега со една прекрасна пастирска слика го прикажал Својот однос со оние кои веруваат во Него. Ниедна друга слика не можела да биде поблиска на Неговите слушатели и Христос со Своите зборови засекогаш ја врзал таа слика за Себе. Никогаш повеќе учениците не можеле да набљудуваат пастир кој го чува своето стадо, а да не се сетат на Спасителовата поука. Тие во секој верен пастир го гледале Христа, а во беспомошното и зависното стадо се гледале себеси. {КВ 476.2}

Оваа слика ја употребил и пророкот Исаија говорејќи ги утешителните зборови за мисијата на Месијата: „Сионе, ти кој јавуваш добри вести, искачи се на високата гора; Подигни го силно својот глас, веснику на радосна вест, Ерусалиме! Подигни го, не бој се, кажи им на јудејските градови: Еве го вашиот Бог!... Како пастир ќе го пасе стадото Свое; на раце ќе ги земе јагнињата, и ќе ги носи во Своите прегратки". (Исаија 40:9-11) Давид тоа го изразува во песна: „Господ е пастир мој, ништо нема да ми недостасува". (Псалм 23:1) А преку Езекиел, Светиот Дух објавил: „Ќе им подигнам еден пастир што ќе ги пасе". „Ќе ја побарам загубената, ќе ја вратам заталканата, ќе ја превржам ранетата и ќе ја закрепнам немоќната". „ И ќе склучам со нив сојуз на мир". „И нема да бидат повеќе плен на незнабошците..., туку ќе живеат мирно и нема никој да ги плаши". (Езекиел 34:23,16,25,28) {КВ 476.3}

Христос ова пророштво го применил на Себе и ја покажал спротивноста меѓу Својот карактер и карактерот на израелските водачи. Токму во тоа време фариseите отфрлиле еден човек од стадото, бидејќи се осмелил да сведочи за Христовата сила. Отфрлиле една душа која Вистинскиот Пастир ја привлекол кон Себе. Со тоа покажале дека не го сфаќаат делото што им е доверено и дека се недостојни да бидат пастири на стадото. Исус сега им ја укажал спротивноста помеѓу нив и Добриот Пастир и укажал на Себе како на вистински чувар на Господовото стадо. Меѓутоа, пред да го направи тоа, зборувал за Себе употребувајќи друга споредба. {КВ 477.1}

Тој рекол: „Оној што не влегува во трлото низ вратата, туку прескокнува на друго место, крадец е и разбојник. Оној што влегува низ вратата е пастирот на овците". Фариseите не сфатиле дека тие зборови се искажани против нив. Кога во своето срце размислувале за нивното значење, Исус отворено им кажал: „Јас сум вратата. Кој ќе влезе низ Мене, ќе се спаси; тој ќе влегува и излегува и ќе најде пасиште. Крадецот Доаѓа само да украде, да убие и да уништи. Јас дојдов за да имаат живот и тоа живот во изобилство". {КВ 477.2}

Христос е вратата на Божјото трло. Низ таа врата влегле сите Негови деца од најраните времиња. Во Христа, како што е прикажано во сликите, како што е прикажано во симболите, како што е манифестирано во откровенијата на пророците, како што е откриено во поуките дадени на Неговите ученици и во чудата извршени за човечките синови, тие го гледале „Божјото јагне, Кое ги зема на Себе гревовите на светот" (Јован 1:29), и преку Него се примени во трлото на Неговата благодат. Многумина изнесувале разни други нешта во кои треба да има вера светот; измислувале церемонии и системи преку кои луѓето се надеваат дека ќе примат оправдание и мир со Бога и дека така ќе добијат пристап во Неговото трло. Но, Христос е единствениот влез и сите кои поставиле нешто друго наместо Христа, сите кои се обидуваат да влезат во трлото на некој друг начин се крадци и разбојници. {КВ 477.3}

Фарисеите не влегле низ таа врата. Се вовлекле во стадото по некој друг пат, а не преку Христа и поради тоа не го вршеле делото на вистинскиот пастир. Свештениците и поглаварите, книжевниците и фарисеите ги уништувале живите пасишта и ги оскверниле изворите на водата на животот. Вдахновените зборови убаво ги опишуваат тие лажни пастири: „Немоќни не поткрепувавте, болни не лекувавте, ранети не преврзувавте, истерани не враќавте... туку насилно и свирепо господарите над нив”. (Езекиел 34:4) {КВ 478.1}

Филозофите и учителите во сите векови му презентирале на светот теории за да ги задоволат потребите на душата. Секој незнабожечки народ имал свои големи учители и верски системи кои нуделе некој друг начин на избавување, но без Христа, одвраќајќи ги очите на луѓето од лицето на Таткото, внесувајќи во човечките срца страв од Оној, Кој им давал само благослов. Нивното дело било да го лишат Бога од она што е Негово, и со создавањето и со откупувањето. Овие лажни учители го поткраднуваат и човекот. Милиони човечки суштества робуваат на лажни религии, во синџирите на ропскиот страв и нечувствителна рамнодушност, мачејќи се како животни кои се впрегнати или натоварени, лишени од надежта, радоста или тежнеењето во овој свет и чувствувајќи тивок страв од иднината. Единствено евангелието на Божјата благодат може да ја издигне душата. Размислувањето за Божјата љубов откриена во жртвата на Неговиот Син ќе го допре срцето и ќе ги разбуди силите на душата, како што не може ништо друго да го направи тоа. Христос дошол да го обнови Божјиот лик во човекот; и секој оној што ги одвраќа луѓето од Христа ги одвраќа од изворот на вистинскиот развој; тој ги лишува од надежта, целта и славата на животот. Секој таков е крадец и разбојник. {КВ 478.2}

„Оној што влегува низ вратата е пастирот на овците”. Христос е и вратата и пастирот. Тој влегува низ Самиот Себе. Жртвувајќи се Себеси, Тој станува пастир на овците. „Нему вратарот му отвора, а овците го слушаат Неговиот глас. Тој Своите овци ги вика по име и ги изведува надвор. И кога ќе ги изведе сите овци, Тој оди пред нив и овците одат по Него, бидејќи го познаваат Неговиот глас”. {КВ 478.3}

Од сите созданија, овцата е едно од најплашливите и најбеспомошните; затоа пастирот на Исток неуморно и постојано се грижи за своето стадо. Во старо време, надвор од градските ѕидини било опасно. Разбојниците од пограничните номадски племиња и грабливите ѕверки од нивните скришни места во карпите, чекале во заседа да го ограбат стадото. Пастирот го чувал стадото, иако знаел дека со тоа го изложува на опасност сопствениот живот. Опишувајќи го својот неуморен труд додека ги чувал Лавановите стада на пасиштето, Јаков вели: „Дење ме истоштуваше горештината, а ноќе мрзнев; и сонот ми бегаше од очите”. (Создавање 31:40) А Давид како момче, чувајќи ги стадата на својот татко наидувал на лавови и мечки и сам го спасувал украденото јагне од нивните заби. {КВ 478.4}

Додека пастирот го води своето стадо преку карпести гребени, низ шуми и диви клисури до тревни ливади на брегот на реката; додека го чува на планините осамен во ноќите, штитејќи го од разбојници, нежно грижејќи се за болните и слабите, неговиот живот се изедначува со животот на стадото. Силната и нежна врска го поврзува него со субјектите кои се доверени на неговата грижа. Колку и да е големо стадото, пастирот ја познава секоја овца. Секоја од нив има свое име и се одѕива на тоа име, кога пастирот ќе ја повика. {КВ 479.1}

Како што земниот пастир ги познава своите овци, така божествениот Пастир го познава своето стадо што е раширено по цел свет. „Вие сте овци Мои, овци на Моето

стадо, а јас сум Бог ваш вели Господ, Бог". Исус вели: „Јас те повикав по име: ти си Мој". „Јас те врежав на дланките на Моите раце". (Езекиел 34:31, Исаија 43:1; 49:16) {КВ 479.2}

Исус нас поединечно не познава и е трогнат од чувството на нашите слабости. Тој сите нас не познава по име. Тој ја знае куќата во која ние живееме, имињата на сите кои се наоѓаат во неа. Тој во одредени времиња им дал упатства на Своите слуги да одат на одредена улица, во одреден град во одредена куќа и да најдат една од Неговите овци. {КВ 479.3}

Исто така, Исус потполно ја познава секоја душа како таа да е единствената душа заради која Тој умрел. Неволјите на секоја душа го допираат Неговото срце. Секој повик за помош стигнува до Неговото уво. Тој дошол за да ги привлече кон Себе сите луѓе. Тој ги повикува: „Следете Ме" и Неговиот дух влијае на нивните срца и ги привлекува да Му пријдат. Многумина одбиваат да бидат привлечени и Исус знае кои се тие. Тој исто така знае кој радосно го слуша Неговиот повик и кој е подготвен да се предаде на Неговата пастирска грижа. Тој вели: „Овците Мои го слушаат Мојот глас. Јас ги познавам и тие одат по Мене". Тој се грижи за секоја овца поединечно, како на светот да не постои ниту една друга. {КВ 480.1}

„Тој Своите овци ги вика по име и ги изведува надвор... и овците одат по Него, бидејќи го познаваат Неговиот глас". Пастирот од Исток не ги брка своите овци, не се служи со сила, ниту со заплашување, туку оди пред нив и ги повикува. Тие го познаваат неговиот глас и се одзиваат на повикот. Така постапува и нашиот Пастир Спасител со Своите овци. Светото Писмо вели: „Својот народ ти го водеше како стадо преку рацете на Мојсеј и Арон". Исус преку пророкот објавува: „Те љубам со вечна љубов, затоа со милна љубезност те привлеков". Тој никого не принудува да оди по Него. Тој кажува: „Ги привлекував со човечки јажиња, со јажиња на љубов". (Псалм 77:20; Еремија 31:1; Осија 11:4) {КВ 480.2}

Христовите ученици не одат по Него затоа што се плашат од казни или затоа што се надеваат на вечната награда. Тие ја гледаат неспоредливата Спасителова љубов, откриена во Неговото патување на Земјата; од витлеемските јасли до крстот на Голгота и Неговата појава ја привлекува, омекнува и ја покорува душата. Љубовта се буди во срцата кои го гледаат тоа. Тие го слушаат Неговиот глас и одат по Него. {КВ 480.3}

Како што пастирот оди пред своите овци и прв наидува на опасноста што се наоѓа на патот, така и Исус постапува со Својот народ. „Кога ќе ги изведе овците, Тој оди пред нив". Патот кон Небото е посветен од отисоците од стапалата на Спасителот. Тој пат може да биде карпест и тежок, но Исус одел по тој пат; Неговите нозе ги изгазиле суровите трња за нашиот пат да биде полесен. Тој го понел секој товар кој ние сме повикани да го носиме. {КВ 480.4}

Иако сега се вознел пред Божјото лице и го дели престолот на вселената, Исус не изгубил ништо од Својата сочувствителна природа. И денес тоа е истото нежно, сожаливо срце отворено за секоја болка на човечкиот род. Денес истата таа рака што била прободена е испружена обилно да го благослови Неговиот народ што се наоѓа во светот. „Тие нема никогаш да загинат, ниту пак некој ќе ги оттргне од Моите раце". Душата што му се предала на Христа во Неговите очи е подрагоцена од целиот свет. Спасителот би поминал низ агонијата на Голгота за да може барем само една душа да биде спасена за Неговото царство. Тој никогаш нема да напушти ниту една душа заради која умрел. Освен ако Неговите следбеници не одлучат да го напуштат, Тој цврсто ќе ги држи. {КВ 480.5}

Во сите наши неволји имаме сигурен Помошник. Тој не нè остава сами да се бориме со искушенијата, да се бориме против злото и на крај да не згмечат товарот и жалостите. Иако сега смртните очи не можат да го видат, увото на верата може да го слушне Неговиот глас како зборува: Не бој се, Јас сум со тебе. „Јас сум Оној, Кој живее; бев мртов и, ете жив сум за сите векови". (Откровение 1:18) Јас ги поднесов вашите жалости, ги искусив вашите борби, се соочив со вашите искушенија. Знам за секоја солза и Јас плачев. Тагите кои лежат толку длабоко што не можат да се кажат на ниту едно човечко уво, Јас ги знам. Немојте да мислите дека сте напуштени и заборавени. Иако вашето страдање не може да најде ехо во ниту едно срце на земјата, гледајте во Мене и живејте. „Планините ќе се поместат и горите ќе се отстранат, меѓутоа Мојата љубезност нема да се одвои од тебе, ниту ќе се разниша заветот на Мојот мир, вели Господ, Кој ти е милостив". (Исаија 54:10) {КВ 483.1}

Колку и да ги сака своите овци, Сепак пастирот повеќе ги сака своите синови и ќерки. Исус не е само наш пастир, Тој е наш „вечен Татко". И тој вели: „Јас ги познавам Моите и Моите ме познаваат Мене. Како што Таткото ме познава Мене така и Јас го познавам Таткото". Колку прекрасни зборови! Единородниот Син, Оној, Кој е во прегратките на Таткото, Оној за Кого Бог објавил дека е „Човекот што е Мој сродник" (Захарија 13:7) заедницата помеѓу Него и вечниот Бог е употребена за да се прикаже заедницата помеѓу Христа и Неговите деца на Земјата! {КВ 483.2}

Исус не љуби бидејќи ние сме дар од Неговиот Татко и награда за Неговото дело. Тој не сака како Свои деца. Читателу, Тој те љуби тебе. Ни самото Небо не може да ти даде ништо повеќе, ништо подобро. Затоа имај доверба. {КВ 483.3}

Исус мислел на душите од целиот свет кои биле заведени од лажните пастири. Тие кои Тој копнеел да ги собере како овци на Своето пасиште биле расфрлани помеѓу волци и Тој кажал: „Имам и други овци, што не се од ова трло; и нив треба да ги доведам; тие ќе го чујат Мојот глас и ќе биде едно стадо и еден пастир". (Јован 10:16) {КВ 483.4}

„Таткото ме љуби затоа што Јас го давам животот за пак да го земам". Тоа значи: „Мојот Татко толку ве засакал, па дури и Јас сум му помил затоа што го давам Својот живот за да ве спасам. Со тоа што станав ваш заменик и гаранција, што го дадов Својот живот, што на Себе ги земав вашите слабости, вашите престапи, уште повеќе му омилев на Својот Татко". {КВ 483.5}

„Јас го давам животот за пак да го земам. Никој не ми го одзема, туку Јас го давам сам од Себе. Имам власт да го дадам и имам власт пак да го земам". Иако како член на човечкото семејство бил смртен, Тој како Бог бил извор на живот за целиот свет. Можел да се спротивстави на доаѓањето на смртта и можел да одбие да се покори на нејзината власт. Но тој доброволно умрел за да ги осветли животот и бесмртноста. (2. Тимотеј 1:10) Ги земал на Себе гревовите на светот, ги носел нивните проклетства, го положил Својот живот како жртва, за луѓето да не умрат за вечност. „А Тој ги понесе нашите жалости, ги зеде на Себе нашите Болки... Тој беше ранет за нашите престапи и беше биен за нашите гревови. Врз Него падна казната заради нашиот мир и со Неговите рани ние се исцеливме. Сите ние заталкавме како овци и секој одеше по свој пат. А Господ ги положи врз Него беззаконијата на сите нас". (Исаија 53:4-6) {КВ 484.1}

53. ПОСЛЕДНОТО ПАТУВАЊЕ ОД ГАЛИЛЕЈА

Оваа поглавје е засновано на Лука 9:51-56; 10:1-24.

Во Христовиот начин на работа настапила промена, кога се приближувал крајот на Неговата служба. До тоа време Тој настојувал да не предизвикува возбуда и да не привлекува внимание во јавноста. Одбивал да прима почести од народот и брзо заминувал од место во место, секогаш кога изгледало дека воодушевувањето на народот за Него е претерано изразено. Многупати наредил никој да не разгласува за Него дека е Христос. {КВ 485.1}

За време на празникот Сеници, Неговото патување до Ерусалим било брзо и тајно. Кога Неговите браќа барале јавно да се прикаже Себеси Месија, Тој одговорил: „Моето време сè уште не е дојдено". (Јован 7:6) Допатувал до Ерусалим незабележан и влегол во градот ненајавен и непрославен од мноштвото. Но, Неговото последно патување не било такво. Тој поради злобата на свештениците и учителите го напуштил Ерусалим за извесен период. Меѓутоа сега, кога се враќал назад, патувал јавно по еден заобиколен пат, а однапред најавувајќи го Своето доаѓање како што тоа не го направил никогаш порано. Одел напред кон местото на Својата голема жртва и кон тоа морало да биде привлечено вниманието на народот. {КВ 485.2}

„И како што Мојсеј ја подигна змијата во пустината, така мора да биде подигнат Синот човечки". (Јован 3:14) Како што очите на сите Израелци биле вперени во подигнатата змија, симбол назначен за нивно исцелување, така сите очи мора да бидат привлечени кон Христа Жртвата што донесува спасение за изгубениот свет. {КВ 485.3}

Браќата го советувале Исус на празникот Сеници јавно да истапи пред народот, затоа што имале погрешна претстава за Месијанското дело и недостаток на вера во Неговиот Божествен карактер. Меѓутоа, раководени од сличен Дух, учениците сега Го одвраќале од патувањето за Ерусалим. Се сетиле на Неговите зборови за тоа што ќе му се случи таму, знаеле за смртното непријателство на верските водачи, па затоа настојувале да го одвратат својот Учител да не оди таму. {КВ 485.4}

На Христос му било тешко да се бори против сите стравови, разочарувања и неверувања на Своите сакани ученици. Било тешко да ги води низ агонијата и очајот што ги очекувале во Ерусалим. И сатаната бил присутен да го напаѓа Човечкиот Син со своите искушенија. Зошто да оди сега во Ерусалим, во сигурна смрт? Околу Него се наоѓаат душите кои се гладни за лебот на животот. Насекаде страдалниците го чекале Неговиот збор на исцелување. Штотуку започнало делото што требало да го оствари евангелието на Неговата благодат. А Тој бил во полна сила на својот мажествен период. Зошто да не појде во големите полиња во светот, со зборовите на Својата благодат и со допирот на Својата исцелувачка сила? Зошто да не си создаде Себеси радост, давајќи светлина и радост на тие милиони што се наоѓале во темнина и жалост? Зошто собирањето на жетвата да го остави на учениците, кои се толку слаби во верата, кои толку тешко сфаќаат и кои се толку спори да дејствуваат? Зошто сега да се соочи со смртта и да го остави делото во повој? Непријателот кој во пустината се соочил со Исуса, сега Го напаѓал со свирепи и подмолни искушенија. Ако Исус за момент попуштил, ако и малку го променил Својот начин на работа за да се спаси Себеси, агентите на сатаната би триумфирале, а светот би бил загубен. {КВ 486.1}

Но Исус „решително го насочил Своето лице да оди во Ерусалим". Единствен закон во Неговиот живот била Татковата волја. Кога, како дете го посетил храмот, и рекол на Марија: „Зар не знаевте дека Јас треба да бидам во делото на Мојот Татко"? (Лука 2:49)

Во Кана, кога Марија посакала Тој да ја покаже Својата чудотворна сила, Неговиот одговор бил: „Уште не дошол Мојот час”. (Јован 2:4) Истите тие зборови им ги кажал на Своите браќа, кога навалувале на Него да оди на празникот. Но во големиот Божји план бил одреден час, кога Тој ќе се жртвува Себеси за гревовите на светот и тој час само што не чукнал. Тој нема да се откаже, ниту ќе се поколеба. Неговите чекори се насочени кон Ерусалим, каде што Неговите непријатели одамна планирале заговор против Неговиот живот; сега Тој ќе го положи. Решително се упатил таму, каде што го очекува прогонство, одрекнување, отфрлање, осудување и смрт. {КВ 486.2}

И „Тој прати гласници пред Себе. Тие Отидоа и влегоа во едно самарјанско село да приготват место за Него”. Но народот не сакал да го прими, зашто патувал кон Ерусалим. Според нивното мислење, тоа значело дека Исус е повеќе наклонет кон Евреите, кои ги мразеле со силна огорченост. Кога би дошол да го обнови храмот и службата за Бога на гората Гаризим, тие радосно би Го примиле, но Тој одел кон Ерусалим и затоа не сакале да му укажат гостопримство. Тие не биле свесни дека на тој начин ја затвораат својата врата за најдобриот небесен Дар. Исус ги повикувал луѓето да го примат, Тој побарал услуги од нивните раце, за да им се приближи и да им подари најбогати благослови. За секоја укажана добрина Тој возвраќал давајќи им ја Неговата драгоцена благодат. Меѓутоа, Самарјаните го изгубиле сето тоа заради своите предрасуди и нетолеранција. {КВ 486.3}

Јаков и Јован, Христовите пратеници биле многу огорчени од оваа нанесена навреда на нивниот Господ. Биле огорчени од таквата грубост кон Него од страна на тие луѓе на кои им укажувал почест со Своето присуство. Кратко време пред тоа биле со Него на гората на преобразувањето и виделе како Бог го прославил и како му укажувале почести Мојсеј и Илија. Оваа очигледна навреда од страна на Самарјаните, според нивното мислење, не смеела да помине без забележителна казна. {КВ 487.1}

Доаѓајќи кај Христа, го известиле за зборовите на тие луѓе, велејќи му дека тие одбиле да му дадат преноќиште. Сметале дека му е направена голема неправда и гледајќи во далечината на гората Кармил, на која Илија ги погубил лажните пророци, рекле: „Сакаш пи да заповедаме да слезе оган од небото и да ги уништи, како што направи Илија?“ Биле изненадени, кога виделе дека Исуса го заболеле нивните зборови, а уште повеќе се изненадиле, кога до нивните уши допреле зборови на прекор: „Вие не знаете со каков дух сте. Синот човечки не дојде да ги уништи човечките животи, туку да ги спаси”. Потоа, Тој заминал во друго село. {КВ 487.2}

Да се принудуваат луѓето да Го примат тоа не било дел од Христовата мисија. Сатаната и луѓето што ги води неговиот дух настојуваат да ја присилат совеста. Под изговор дека ревнуваат за праведност, луѓето што се во сојуз со лошите ангели нанесуваат страдања врз своите ближни за да ги придобијат за своите верски идеи, меѓутоа Христос секогаш покажува милост, секогаш копнее да ги придобие со Својата љубов. Тој не може да дозволи во душата никаков ривал, ниту пак прифаќа делумна служба, туку сака само доброволна служба, доброволно потчинување на срцето под принуда на љубовта. Нема посилен доказ дека поседуваме сатански дух од склоноста да им наштетиме и да ги уништиме оние што не ја ценат нашата работа или што постапуваат во спротивност со нашите идеи. {КВ 487.3}

Секое човечко суштество е Божја сопственост со телото, душата и духот. Христос умрел за да ги откупи сите. Ништо не може да биде поголема навреда за Бога отколку, кога луѓето поради верска нетрпеливост, им нанесуваат страдања на они што Спасителот ги откупил со Својата крв. {КВ 488.1}

„И Тој стана оттаму и дојде во јудејските краишта, од онаа страна на Јордан и пак се собра околу Него мноштво народ, а Тој, според Својот обичај, повторно ги учеше". (Марко 10:1) {КВ 488.2}

Значителен дел од последните месеци од својата служба Христос ги поминал во Переја, областа „од онаа страна на Јордан" спроти Јудеја. Тука народот во голем број се собирал околу Него, како на почетокот на Неговата служба во Галилеја и тука повторил многу од Своите поранешни учења. {КВ 488.3}

Како што ги испратил дванаесетминатa, така избрал „уште седумдесетмина и ги испрати по двајца пред себе во секој град и место каде што и Самиот имаше намера да дојде" (Лука 10:1) Овие ученици извесен период биле со Него и се подготвувале за своето дело. Кога дванаесетминатa биле испратени на својата прва самостојна мисија, останатите ученици го следеле Исуса на Неговиот пат низ Галилеја. Тие ја имале таа предност да бидат Блиски со Него и да добијат непосредни лични упатства. Сега, овој поголем број на ученици исто така требало да тргне на посебна мисија. {КВ 488.4}

Упатствата дадени на седумдесетминатa биле слични на упатствата дадени на дванаесетминатa. Меѓутоа, заповедта што била дадена на дванаесетминатa да не влегуваат во градовите на незнабошците или Самарјаните, не била дадена и на седумдесетминатa. Иако Самарјаните само што го отфрлиле Христа, Неговата љубов кон нив останала неизменета. Кога тргнале во Негово име, седумдесетминатa најпрвин ги посетиле самарјанските градови. {КВ 488.5}

Спасителовата лична посета на Самарија и подоцна пофалбата на добриот Самарјанин, како и благодарната радост на лепрозниот Самарјанин, кој единствен од десетминатa се вратил да му се заблагодари на Христа, имале големо значење за учениците. Таа поука длабоко се врежала во нивните срца. Укажувајќи им на нивната должност непосредно пред Своето вознесение, Исус заедно со Ерусалим и Јудеја ја споменал и Самарија, како места во кои тие најпрво треба да го проповедаат евангелието. Неговото учење ги подготвило да ја исполнат таа должност. Кога во име на својот Учител заминале во Самарија, виделе дека народот е подготвен да ги прими. Самарјаните слушнале за Христовите пофални зборови и за Неговите милосрдни дела кон припадниците на нивниот народ. Иако грубо се однесувале кон Него, се уверile дека Неговите мисли се исполнети со љубов кон нив и нивните срца биле придобиени. По вознесението на Спасителот, тие срдечно ги пречекале Неговите гласници и учениците собрале драгоцена жетва меѓу оние кои некогаш биле нивни најогорчени непријатели. Скршената трска нема да ја здроби, и чадливата ламба нема да ја угасне; ќе суди според вистината". „Во Негово име ќе се надеваат народите". (Исаија 42:3; Матеј 12:21) {КВ 488.6}

Испраќајќи ги седумдесетминатa, Исус им заповедал, како што им заповедал и на дванаесетминатa, да не се наметнуваат онаму каде што не се добредојдени. Тој рекол: „Ако влезете во некој град и не ве примат, излезете на неговите улици и речете: 'Дури и правот од вашиот град што се залепил за нашите нозе го истресуваме против вас'. Но знајте го ова, дека се приближи до вас Божјото царство". Тие требало да постапат така, за да покажат колку е ужасно да се отфрли пораката на Спасителот или Неговите гласници, а не поради огорченост или повредено достоинство. {КВ 489.1}

„Ви кажувам," додал Исус, „дека на Содом ќе му биде полесно во оној ден, отколку на тој град". Тогаш се сетил на галилејските градови во кои поминал толку време од Својата служба. Со глас во кој се одразувала длабока тага, Тој извикал: „Тешко тебе Хоразине, тешко тебе Витсаидо! Зашто ако во Тир и Сидон се извршија чудата што

станаа кај вас, одамна би се покајале седејќи во вреќи и во пепел. Но на Тир и Сидон ќе им биде полесно на судот отколку вам. И ти, Капернауме, што си се издигнал до небото, ќе паднеш до пеколот". {КВ 489.2}

Тие прометни градови околу Галилејското Море биле дарежливо понудени со најбогатите небесни благослови. Од ден на ден, Кнезот на животот Доаѓал во нив и заминувал од нив. Божјата слава, која копнееле да ја видат пророците и царевите, го осветлувало мноштвото што секој ден се собирало околу Спасителот. Но тие Сепак го отфрлиле Дарот од Небото. {КВ 489.3}

Манифестирајќи голема внимателност, рабините го предупредувале народот да не ја прима новата наука што ја проповеда Тој нов Учител, бидејќи Неговите теории и постапки се спротивни од оние на татковците. Народот имал доверба во она што го учеле свештениците и фарисеите, наместо сам да се труди да го разбере Божјиот збор. Луѓето покажувале почит кон свештениците и поглаварите, наместо да му покажуваат почитување на Бога и ја отфрлиле вистината, само за да можат да ги зачуваат своите традиции. Многумина биле импресионирани и скоро убедени, но не постапувале според своите убедувања и не биле вброени меѓу оние, кои се на Христова страна. Сатаната ги напаѓал со своите искушенија, додека светлината не им станала како темнина. Така многумина ја отфрлиле вистината што би им донела спас на нивните души. {КВ 489.4}

Вистинскиот сведок кажува: „Еве стојам пред вратата и чукам". (Откровение 3:20) Секоја опомена, укор, и молба изнесена во Божјиот збор или преку Неговите гласници претставува чукање на вратата на срцето. Тоа е Исусовиот глас кој бара да влезе. Со секое тропање на кое не се одговара, подготвеноста да се отвори вратата е сè помала. Ако денес го запоставиме делувањето на Светиот Дух, утре нема да биде толку силно. Срцето станува помалку приемчиво, запаѓа во опасна несвесност за краткиот век на животот и за големата вечност потоа. На страшниот суд нема да бидеме осудени затоа што сме биле во заблуда, туку затоа што сме ги пропуштиле можностите кои ни ги дало Небото за да научиме што е вистина. {КВ 489.5}

Како и апостолите, седумдесетминатa добиле натприродни способности, како печат за нивната мисија. Кога го завршиле своето дело, тие радосно се вратиле говорејќи: „Господе, дури и демоните ни се покоруваа во Твое име". Исус одговорил: „Го гледав сатаната како падна од небото како молња". {КВ 490.1}

Исус јасно ги гледал сцените од минатото и од иднината. Го видел Луцифер како бил фрлен од небесните дворови. Ги видел сцените од иднината на Својата сопствена агонија, кога пред сите светови ќе се открие карактерот на измамникот. Го слушнал извикот: „Се сврши" (Јован 19:30), објавата дека спасението на загубениот човечки род е засекогаш обезбедено, дека Небото е засекогаш ослободено од обвинувањата, измамите и претензиите кои сатаната би ги поттикнувал. {КВ 490.2}

Преку крстот на Голгота, со Неговите душевни маки и срам, Исус однапред го видел последниот голем ден, кога кнезот на силите на темнината ќе биде уништен на Земјата, која толку долго била извалкана од неговиот бунт. Исус видел како делото на злото е завршено и како Божјиот мир ги исполнува Небото и Земјата. {КВ 490.3}

Отсега па натаму Христовите следбеници треба да го сметаат сатаната како победен непријател. Исус извојувал на крстот победа за нив и Тој посакувал тие да ја примат таа победа како своја сопствена. „Еве," рекол Тој, „ви давам власт да газите на змии и скорпии и над секоја непријателска сила и ништо не ќе може да ви напакости". {КВ 490.4}

Семоќната сила на Светиот Дух претставува одбрана на секоја покајничка душа. Христос не дозволува под непријателска власт да дојде кој било од оние што во покајание и вера ја бараат Неговата заштита. Спасителот секогаш е покрај оние Свои следбеници што се во искушение и во неволја. Кај Него нема неуспех, загуби, неможност или пораз; сè можеме да постигнеме преку Оној, Кој ни дава сила. Кога ќе наидат искушенија и неволји, не чекајте да ги совладате сите тешкотии, туку гледајте кон Исуса, вашиот Помошник. {КВ 490.5}

Има христијани кои премногу мислат и зборуваат за силата на сатаната. Тие мислат на својот непријател, во молитви го споменуваат, разговараат за него и тој изгледа сè поголем и поголем во нивната фантазија. Вистина е дека сатаната е моќно суштество, но благодарение на Бога, ние имаме моќен Спасител кој го исфрлил непријателот од Небото. На сатаната му е угодно, кога ја величаме неговата сила. Зошто да не разговараме за Исуса? Зошто да не ја величаме Неговата моќ и Неговата љубов? {КВ 493.1}

Вечно сведоштво за тоа дека „Бог толку го возљуби светот, што го даде и Својот Единороден Син, за ниту еден што верува, да не загине, туку да има живот вечен“ е виножитото на ветувањето што го обвиткува престолот на Небото. Тоа и сведочи на вселената дека Бог никогаш нема да го заборави Својот народ во неговата борба против злото. Со тоа ни се ветени сила и заштита сè додека постои престолот. {КВ 493.2}

Исус додал: „Но не се радувајте што ви се покоруваат духовите, туку радувајте сè што вашите имиња се запишани на небесата”. Не се радувајте што имате моќ, за да не ја изгубите од вид својата зависност од Бога. Внимавајте да не бидете задоволни со себеси, и да не работите во сопствената сила, туку во духот и силата на својот Учител. Човекот секогаш е подготвен секој успех во делото да си го припише како своја заслуга, секогаш да си ласка себеси и да се издигнува и така во другите души не се создава впечаток дека Бог е сè и во сè. Апостол Павле кажува: „Зашто кога сум слаб, тогаш сум силен”. (2. Коринтјаните 12:10) Кога ја увидуваме својата слабост, тогаш настојуваме да се потпреме на една сила која не е од нас. Ништо не може толку силно да влијае на срцето, како чувството на нашата одговорност кон Бога. Ништо не допира толку суштински до најдлабоките побуди на нашите постапки, како свеста за Христовата љубов, која простува. Ние мора да комуницираме со Бога и тогаш ќе бидеме исполнети со Неговиот Свет Дух, што ни овозможува да се зближиме со своите ближни. Тогаш радувајте сè што преку Христа сте поврзани со Бога, што сте членови на небесното семејство. Доколку го насочувате погледот над себе, постојано ќе ја чувствувате слабоста на човештвото. Доколку помалку го негувате своето „јас“, дотолку појасно и поцелосно ќе го сфатите совршенството на својот Спасител. Колку повеќе се приближувате кон изворот на светлина и моќ, толку повеќе светлината ќе блеска и вие ќе имате поголема сила да работите за Бога. Радувајте сè што сте едно со Бога, едно со Христа и со целото небесно семејство. {КВ 493.3}

Додека седумдесетминатa ги слушале Христовите зборови, Светиот Дух ги импресионирал нивните умови со живи стварности и ја испишувал вистината во душата. Иако мноштво луѓе се наоѓале околу нив, тие како да биле издвоени и како да биле сами со Бога. {КВ 494.1}

Знаејќи дека тие биле свесни за светоста на тој час, Исус „се зарадува во духот и рече: ‘Ти благодарам Татко, Господару на Небото и Земјата, што си го сокрил ова од мудрите и умните, а им го објави на малечките. Да, Татко, зашто таква беше волјата Твоја’. Сè ми е предадено од Мојот Татко. Никој не знае Кој е Синот освен Таткото и

никој не знае Кој е Таткото освен Синот и оној на кого Синот сака да му открие". {КВ 494.2}

Луѓето на кои светот им укажува чест, таканаречените великани и мудри луѓе, ниту покрај сета своја мудрост не можеле да го разберат Христовиот карактер. Тие го оценувале според надворешниот изглед, според понижувањето што го доживеал во својство на човечко суштество. Меѓутоа, на рибарите и цариниците им било овозможено да го видат Невидливиот. Дури ни учениците не го сфатиле сето она што Исус сакал да им го открие, но од време на време нивниот разум станувал просветлен, кога се потчинувале на силата на Светиот Дух. Тие сфаќале дека меѓу нив се наоѓа моќниот Бог, облечен во човечки лик. Исус се радувал што ова сознание, кое не го поседувале мудрите и умните, им било откриено на овие скромни луѓе. Често, кога им ги изнесувал содржините на Стариот завет и им покажувал како тоа се однесува на Него и на Неговото дело на помирување, тие биле разбудени од делувањето на Неговиот Дух и се воздигнувале во небесна атмосфера. Тие ги сфатиле духовните вистини што ги проповедале пророците многу појасно и од самите изворни писатели. Кога потоа го читале Стариот завет, тие не го сфатиле тоа како наука на книжевниците и фарисеите, ниту како зборови на мудри луѓе кои починале, туку, како ново откровение од Бога. Тие го гледале Оној „Кого светот не може да го прими, зашто не го гледа ниту го познава. Вие Го познавате, зашто престојува со вас и ќе биде во вас". (Јован 14:17) {КВ 494.3}

Единствен начин на кој можеме да стекнеме посовршено сфаќање на вистината се состои во тоа нашето срце да биде благо и потчинето на Христовиот Дух. Душата мора да се очисти од суетата и гордоста, од неа мора да се исфрли сето она што ја обземало и Христос мора да биде востоличен во неа. Човечката наука е премногу ограничена за да може да го сфати помирувањето. Планот на спасението е толку далекусежен, што не може да се објасни со никаква филозофија. Тој засекогаш ќе остане тајна во која не може да проникне дури ни најдлабокото размислување. Науката за спасението не може да се објасни, но може да се запознае со лично искуство. Спасителовото совршенство може да го сфати само оној, кој ја увидува својата грешност. {КВ 494.4}

Поуките што ги изнесувал Христос додека полека одел по патот од Галилеја кон Ерусалим биле полни со упатства. Народот со копнеж ги слушал Неговите зборови. Во Переја, како и во Галилеја, луѓето биле помалку под власт на еврејските предрасуди отколку во Јудеја и Неговото учење наишло на одзив во нивните срца. {КВ 495.1}

Во текот на овие последни месеци од Својата служба, Христос ги кажал повеќето свои параболи. Свештениците и рабините го прогонувале со сè поголема огорченост, а опомените што им ги давал биле обвиткани со симболи. Тие можеле да го сфатат нивното значење, но во Неговите зборови не можеле да најдат ништо на што би можеле да ги засноваат обвинувањата против Него. Во параболата за фарисејот и цариникот, самодоволната молитва: „Боже, ти благодарам што не сум како другите луѓе," стои во остра спротивност со молбата на покајникот „Биди ми милостив на мене грешникот". (Лука 18:11,13) На тој начин Христос ги укорил Евреите заради нивното лицемерие. Со симболиката за неродната смоква и за големата вечера, Тој ја претскажал пропаста, која неминовно ќе ја снајде непокајаната нација. Оние што со презир го отфрлиле повикот да дојдат на евангелската гозба, ги слушнале Неговите зборови на опомена: „Јас ви велам дека ниту еден од оние што беа повикани нема да вкуси од мојата вечера". (Лука 14:24) {КВ 495.2}

На учениците им биле дадени многу драгоцени поуки. Параболата за упорната вдовица и за пријателот што барал леб на полноќ им дале нова сила на Неговите

зборови: „Молете и ќе ви се даде; барајте и ќе најдете, тропајте и ќе ви се отвори”. (Лука 11:9) Често нивната поколебана вера била зајакната со сеќавањата на Христовите зборови: „Зар Бог да не ги одбрани Своите избраници што го молат ден и ноќ, имајќи трпение со нив? Ви велам, бргу ќе ги одбрани”. (Лука 18:7,8) {КВ 495.3}

Христос ја повторил прекрасната парабола за загубената овца. Тој уште повеќе ја продлабочил поуката што таа ја содржела со параболата за загубениот денар и за загубениот син. Во тоа време, учениците не ја оцениле во целост силата на тие поуки. Меѓутоа, кога по излевањето на Светиот Дух го виделе обратувањето на незнабошците и љубоморниот гнев на Евреите, тие подобро ја сфатиле поуката за загубениот син и можеле да ја чувствуваат радоста на Христовите зборови: „Требаше да се веселиме и да се радуваме,“ зашто овој син ми беше мртов и оживеа, беше загубен и се најде”. (Лука 15:32, 24) Кога тргнале низ светот во името на својот Учител, изложувајќи се на потсмев, сиромаштија и прогонство, често ги зајакнувале своите срца повторувајќи го упатството што им го дал на ова последно патување: „Не бој се, малечко стадо, зашто вашиот Татко благоволи да ви го даде царството. Продајте го својот имот и давајте милостина. Згответе си торби што не ветват непоминливо богатство на небесата, каде што крадец не се притајува, ниту молец уништува. Зашто каде што е вашето богатство, таму ќе биде и вашето срце”. (Лука 12:32-34) {КВ 495.4}

54. ДОБРИОТ САМАРЈАНИН

Оваа поглавје е засновано на Лука 10:25-37.

Во сторијата за добриот Самарјанин, Христос ја открил природата на вистинската вера. Тој практично покажал дека таа не се состои во никаков систем, пропишани верувања или обреди, туку во дела на љубов, во правење добро на другите, во вистинска добрина. {КВ 497.1}

Додека Христос го учел народот, „стана еден законик и искушувајќи го рече: ‘Учителе, што треба да правам за да наследам живот вечен’?“ Големиот собир внимателно и без здив го очекувал одговорот. Свештениците и рабините мислеле дека ќе му постават стапица на Христа, наведувајќи го законикот да го постави тоа прашање. Меѓутоа, Спасителот не се впуштил во судир. Тој барал одговор токму од оној што го поставил прашањето. „Што е напишано во законот,“ рекол Тој, „како читаш?“ Евреите сè уште го обвинувале Исуса дека лекомислено се однесува кон законот даден на Синајската гора; но Тој го насочил прашањето за спасението кон држењето на Божјите заповеди. {КВ 497.2}

Законикот кажал: „Љуби го својот Господ Бог со сето свое срце, со сета своја душа, со сета своја сила и со сите свои мисли; и својот ближен како самиот себе”. Исус му рече: „Право одговори. Прави го тоа и ќе живееш”. {КВ 497.3}

Законикот не бил задоволен од ставот и делата на фарисеите. Тој ги проучувал Светите Списи со желба да го дознае нивното вистинско значење. За него тоа прашање било од животно значење и тој искрено прашал: „Што треба да правам?“ Во одговорот што го дал за барањата на законот, тој воопшто не ги споменал многубројните прописи за церемониите и обредите. На тие прописи тој не им придавал никакво значење, туку ги изнел двете големи начела на кои висел сиот закон и пророците. Со тоа што го пофалил одговорот на законикот, Спасителот бил во поповолна положба кон рабините.

Тие не можеле да го осудат, кога го потврдил она што го изнел еден толкувач на законот. {КВ 497.4}

„Прави го тоа и ќе живееш,“ рекол Исус. Тој го прикажал законот како божествена целина и со таа поука покажал дека е невозможно да се држи еден пропис, а да се крши друг, бидејќи истото начело се провлекува низ сите нив. Врз основа на послушноста кон целокупниот закон ќе се одреди човековата судбина. Најголемата љубов кон Бога и непристрасната љубов кон човекот се начела кои треба да станат реалност во животот. {КВ 498.1}

Законикот дошол до заклучок дека и самиот е престапник на законот. Христовите зборови го увериле дека тој не ја спроведувал во дело праведноста на законот, за која тврдел дека ја разбира. Тој не покажувал љубов кон своите ближни. Било потребно покајание, но наместо да се покае, тој се обидел да се оправда. Одбегнувајќи да ја признае вистината, тој се трудел да покаже колку е тешко да се држат заповедите. Се надевал дека со тоа ќе го избегне уверувањето и дека ќе се оправда во очите на народот. Зборовите на Спасителот покажале дека неговото прашање било непотребно, бидејќи бил во состојба сам да одговори на него. Сепак, тој поставил уште едно прашање, велејќи: „Кој е мојот ближен?“ {КВ 498.2}

Тоа прашање предизвикало бескрајна расправа меѓу Евреите. Тие не се сомневале во врска со незнабошците и Самарјаните; тие биле туѓинци и непријатели. Меѓутоа, каде треба да се прави разлика меѓу припадниците на сопствениот народ, меѓу различните општествени слоеви? Кого свештеникот, рабинот и старешината треба да го сметаат за свој ближен? Тие целиот свој живот го поминувале во извршување на обреди за да се очистат. Допирот со неукото и безгрижно мноштво, според нивното мислење, ги осквернувал, а тоа можело да се отстрани само со голем труд. Дали треба и „нечистите“ да се сметаат за ближни? {КВ 498.3}

Исус и овој пат одбил да биде вовлечен во судир. Тој не го осудил верскиот фанатизам на оние што демнеле да го осудат. Меѓутоа, со една едноставна сторија Тој така им го прикажал на Своите слушатели излевањето на љубовта која потекнува од Небото, што сите срца биле трогнати, а од законикот изнудило признавање на вистината. {КВ 498.4}

Темнината може да се отстрани само ако се прими светлина. Начинот на кој најдобро може да се отстрани заблудата, се состои во тоа да се изнесе вистината. Во откривањето на Божјата љубов се разоткрива изопачениот грев на срцето исполнето со себичност. {КВ 498.5}

„Еден човек,“ рекол Исус, „слегуваше од Ерусалим во Ерихон и падна во рацете на разбојници кои го соблекоа и при тоа го изранија, па го оставија полумртов и си заминаа. Случајно по тој пат слегуваше еден свештеник, па кога го виде, го заобиколи и си замина. Така и некој Левит, кога дојде до тоа место и кога го виде, го заобиколи и си замина”. (Лука 10:30-32) Тоа не била никаква измислена приказна, туку вистински настан. Свештеникот и Левитот кои поминале покрај тој човек се наоаѓале меѓу оние кои ги слушале Христовите зборови. {КВ 499.1}

Патувајќи од Ерусалим до Ерихон, патникот морал да помине низ еден дел од јудејската пустина. Патот водел низ една дива, карпеста клисура, која криела разбојници и била честа сцена на насилство. Тука патникот бил нападнат, ограбен од сето она што било вредно, ранет, претепан и оставен полумртов на патот. Додека тој лежел така, наишол свештеникот, но само фрлил поглед кон ранетиот човек. Наишол и Левитот. Љубопитен да види што се случило, запрел и го погледнал страдалникот. Тој

добро знаел што треба да направи, но тоа не била пријатна должност. Се покајал што воопшто поминал покрај тој пат, за да не морал да го види ранетиот човек, но на крај самиот се уверил дека тој случај не претставувал негова грижа. {КВ 499.2}

Двајцата луѓе биле во света служба и нивната должност била да го објаснуваат Светото Писмо. Тие припаѓале на онаа група луѓе кои биле посебно избрани да бидат Божји претставници пред народот. Тие требало да „бидат благи кон оние што се во незнаење и се заблудени". (Евреите 5:2), за да ги водат луѓето да ја сфатат големата Божја љубов кон човечкиот род. Делото кое тие требало да го извршуваат било исто како и делото кое Христос го опишал како Свое, кога рекол: „Господовиот Дух почива врз Мене, зашто Тој Ме помаза за да го проповедам евангелието на сиромасите; Тој ме испрати да ги исцелам скршените по срце, да им проповедам ослободување на заробените, и враќање на вид на слепите, да ги ослободам угнетените". (Лука 4:18) {КВ 499.3}

Небесните ангели ги набљудуваат неволјите на Божјото семејство на Земјата и се подготвени да соработуваат со луѓето во олеснувањето на угнетувањата и страдањата. Во Своето провидение Бог ги навел свештеникот и Левитот на патот покрај кој лежел ранетиот страдалник, за да ја видат неговата потреба од милост и помош. Целото Небо набљудувало, да види дали во срцата на тие луѓе ќе се разбуди сожалување кон човечкото страдање. Спасителот бил Оној, Кој во пустината им дал инструкции на Евреите. Од столбот од облак и пламен Тој им дал поука која многу се разликувала од онаа што досега народот ја примал од своите свештеници и учители. Милостивите одредби на законот се однесувале дури и на немите животни, кои не можат да ги изразат своите потреби и страдања со зборови. Во тој поглед, на Мојсеј му биле дадени упатства за Израелевите деца: „Кога ќе наидеш на заталкано добиче или магаре на својот непријател, мораш да му го однесеш назад. Ако го видиш магарето на оној што те мрази како паднало под својот товар, немој да го оставиш. Заедно со неговиот господар мораш да му помогнеш да се дигне". (Излез 23:4,5). Наведувајќи го примерот на човекот што бил ранет од разбојниците, Христос изнел случај на еден брат во неволја. Со колку поголемо сожалување требало да биде поттикнато нивното срце кон Него, отколку кон едно животно користено за работа. Преку Мојсеј им била дадена вест дека нивниот Господ Бог е „Бог голем, силен и страшен," Кој „им дава правда на сиракот и вдовицата и Кој го љуби придојденикот". Затоа Тој заповедал: „Љубете го и вие придојденикот". „Љуби го како самиот себе". (Второзаконие 10:17-19; Левит 19:34) {КВ 500.1}

Јов рекол: „Туѓинецот не ноќеваше на улица; вратата своја ја отворав на патникот". А кога двајцата ангели во човечки облик дошле во Содом, Лот се поклонил со лицето до земја и рекол: „Ве молам, господари мои, навратете во куќата на својот слуга за да преноќевате". (Јов 31:32; Создавање 19:2) Сите овие поуки им биле познати на свештеникот и на Левитот, но тие не ги примениле во животот. Воспитани во училиштето на националниот верски фанатизам, тие станале себични, тесногради и исклучиви. Кога го виделе ранетиот човек, тие не можеле да кажат дали припаѓа на нивниот народ или не. Помислиле дека можеби е Самарјанин и го продолжиле својот пат. {КВ 500.2}

Во нивната постапка, онака како што ја опишал Христос, законикот не видел ништо што би било спротивно на она што го научил во врска со барањата на законот. Потоа била прикажана поинаква сцена: {КВ 503.1}

Еден Самарјанин наишол на местото каде што лежел страдалникот и кога го видел, почувствувал сожалување за него. Тој не се прашувал дали тој маченик е Евреин или незнабожец. Самарјанинот добро знаел дека кога улогата би била обратна, Евреинот би го плукнал во лице и со презир би поминал покрај него. Меѓутоа, не се колебал поради тоа. Не обрнувал внимание на тоа дека можеби и сам се изложува на опасност од насилство ако се задржува на тоа место. За него било доволно што тука се наоѓа едно човечко суштество кое страда и на кое му е потребна помош. Ја соблекол својата облека за да го покрие. Маслото и виното што ги подготвил за своето патување, ги употребил за да ги превие раните и да го закрепне ранетиот човек. Го подигнал на своето добиче и одел полека, со рамномерен чекор, така што ранетиот да не биде потресуван и поради тоа да има уште поголеми Болки. Го довел во една гостилница и грижливо го негувал цела ноќ. Изутрината, кога на ранетиот човек му било подобро, Самарјанинот одлучил да го продолжи патот. Пред да го направи тоа, тој му го доверил човекот на гостилничарот, ги платил трошоците и оставил депозит во негова полза. Незадоволен од ова, му рекол на гостилничарот: „Погрижи се за него, и што и да потрошиш повеќе, јас ќе ти платам, кога ќе се вратам". {КВ 503.2}

Кога ја завршил сторијата, Исус го насочил Својот поглед кон законикот и како да ја читал неговата душа, рекол: „Според твое мислење, кој од тие тројца му беше ближен на оној што паднал во разбојнички раце?" (Лука 10:36) {КВ 503.3}

Законикот дури ни тогаш не сакал да го изговори името на Самарјанинот, туку одговорил: „Оној што му се смилувал". Исус рекол: „Оди и ти прави така". {КВ 503.4}

На тој начин прашањето: „Кој е мојот ближен" било одговорено засекогаш. Христос покажал дека наш ближен не е само оној што припаѓа на нашата црква или вера. Тоа нема никаква врска со расата, со бојата или со општествената разлика. Наш ближен е секој оној кому му е потребна нашата помош. Наш ближен е секоја душа која непријателот ја ранил и ја повредил. Наш ближен е секој оној, кој е Божја своина. {КВ 503.5}

Во сторијата за добриот Самарјанин Исус се опишал Себеси и Својата мисија. Сатаната го измамува, ранува, краде човекот и го остава да пропадне, но Спасителот имал сожалување кон нашата беспомошна состојба. Тој ја напуштил Својата слава, за да дојде и да не спаси. Тој не нашол на работ на смртта и го презел на Себе нашиот случај. Ни ја отворил вратата на сигурното засолниште и целосно се погрижил за нас, земајќи ги сите издатоци на Себе. Тој умрел за да не откупи. Укажувајќи на Својот сопствен пример, Тој им кажал на Своите следбеници: „Ова ви заповедам, да се љубите еден со друг". „Да се љубите еден со друг, како што Јас ве љубев вас". (Јован 15:17; 13:34) {КВ 503.6}

Законикот му го поставил на Исус ова прашање: „Што треба да правам?" А Исус, потврдувајќи дека љубовта кон Бога и кон човекот е она што ја сочинува праведноста, рекол: „Прави го тоа и ќе бидеш жив". Самарјанинот се раководел од побудите на своето добро срце исполнето со љубов и со тоа докажал дека е вршител на законот. Христос му рекол на законикот: „Прави го тоа и ќе живееш". Од Божјите деца се очекува да прават дела, а не само да остануваат на зборови. „Оној што тврди дека пребива во Него, треба да чекори како што чекореше Тој". (1. Јованово 2:6) {КВ 504.1}

Оваа поука му е потребна на денешниот свет исто толку колку и тогаш, кога излегла од Исусовите усни. Себичноста и студената формалност речиси го изгаснале пламенот на љубовта и ги истерале добрите карактеристики кои треба да бидат мирис на карактерот. Многумина кои го исповедаат Неговото име, го изгубиле од вид фактот

дека христијаните треба да го претставуваат Христа. Ако немаме практичен самопожртвуван дух за добро на другите во семејниот круг, во соседството, во црквата и секаде каде што се наоѓаме, тогаш не сме христијани, без оглед на тоа каква вера исповедаме. {КВ 504.2}

Христос го поврзал Својот интерес со интересот на човештвото и не повикува да бидеме едно со Него заради спасение на човештвото. Тој вели: „Бесплатно добивте, бесплатно давајте". (Матеј 10:8) Гревот е најголем од сите зла, а наша должност е да имаме сожалување кон грешникот и да му помагаме. Има многумина кои грешат и кои го чувствуваат својот срам и своето безумие. Тие копнеат за некој збор на охрабрување. Тие гледаат на своите грешки и заблуди, додека не паднат речиси до очај. Тие души не смееме да ги запоставиме. Ако сме христијани, не смееме да поминеме покрај нив, ниту да се држиме што подалеку од оние на кои нашата помош им е најпотребна. Кога гледаме дека човечките суштества се во неволја, било да е заради несреќа или грев, никогаш не треба да кажеме: „Тоа не е моја грижа". {КВ 504.3}

„Вие духовните, исправајте го таквиот со дух на кротост". (Галатјаните 6:1) Со вера и со молитва потиснувајте ја силата на непријателот. Зборувајте зборови на вера и охрабрување, кои ќе бидат како мелем за оној што е ранет и повреден. Мнозина, се обесхрабриле и станале малодушни во големата животна борба, а еден збор на љубезно бодрење би можел да ги зајакне за да победат. Никогаш не треба да поминеме покрај некоја душа што страда, а да не се обидеме да и пружиме утеха со која Бог не утешил и нас. {КВ 504.4}

Сето тоа е само исполнување на начелото на законот начелото што е илустрирано во сторијата за добриот Самарјанин и манифестирано во Исусовиот живот. Неговиот карактер ја открива вистинската смисла на законот и покажува што значи да се љуби ближниот како себеси. Кога Божјите деца покажуваат милост, љубезност и љубов кон сите луѓе, тие истовремено даваат сведоштво за карактерот на небесните прописи. Тие сведочат за тоа дека „Господовиот закон е совршен, ја обратува душата". (Псалм 19:7) Секој оној, кој не манифестира таква љубов, тој го крши законот кон кој тврди дека има стравопочит, бидејќи духот што го манифестираме кон нашите браќа покажува каков е нашиот дух и кон Бога. Божествената љубов во срцето е единствен извор на љубовта кон нашиот ближен. „Ако некој рече: 'Јас го сакам Бога', а го мрази својот брат, лажливец е; зашто оној што не го сака својот брат кого го видел, како може да го сака Бога кого не го видел". Возљубени, „ако се сакаме еден со друг, Бог пребива во нас и Неговата љубов станува совршена во нас". (1. Јованово 4:20,12) {КВ 505.1}

55. БОЖЈОТО ЦАРСТВО НЕМА ДА ДОЈДЕ ВИДЛИВО

Оваа поглавје е засновано на Лука 17:20-22.

Некои фарисеи дошле кај Исуса со прашањето: „Кога ќе дојде Божјото царство?" Поминале повеќе од три години откако Јован Крстителот ја објавил веста која одѕвонувала низ нивната земја како трубен глас: „Се приближи царството небесно". (Матеј 3:2) Овие фарисеи до тогаш не виделе никаков знак за основање на тоа царство. Многумина од оние што го отфрлиле Јована и на секој чекор му се спротивставувале на Исуса, навестувале дека Неговата мисија доживеала неуспех. {КВ 506.1}

Исус одговорил: „Царството Божјо не Доаѓа на видлив начин; ниту ќе може да се каже: ‘Еве го овде, или ене го онде’, зашто Божјото царство е во вас внатре”. Божјото царство почнува во срцето. Не очекувајте дека овде или онде ќе се појавуваат знаци на земна сила кои ќе го одбележат неговото доаѓање. {КВ 506.2}

„Ќе дојде време,“ рекол Исус обраќајќи им се на Своите ученици, „кога ќе копнеете да видите еден од деновите на Синот човечки, и нема да видите”. Се наоѓате во опасност да не ја препознаете славата на Мојата мисија, зашто не е опкружена со световен раскош. Вие не увидувате колку голема предност уживате денес што меѓу вас лично се наоѓа Оној Кој, иако има облик на човек, Тој е живот и светлина на луѓето. Ќе дојдат денови, кога со копнеж ќе се сетите на можноста која ви била дадена да одите и да разговарате со Божјиот Син. {КВ 506.3}

Поради својата себичност и земните стремежи дури ни Исусовите ученици не можеле да ја сфатат духовната слава што Тој настојувал да им ја открие. Дури откако Христос се вратил кај Својот Татко и по излевањето на Светиот Дух на верниците, учениците во потполност го сфатиле карактерот на Спасителот и Неговата мисија. Откако биле крстени со Светиот Дух, почнале да сфаќаат дека биле во непосредно присуство на Господ на славата. Додека се сеќавале на Христовите зборови, нивните умови биле отворени, така што ги разбрале пророштвата и ги сфатиле чудата што Тој ги направил. Чудата од Неговиот живот минувале покрај нив и тие прилегале на луѓе што се будат од сон. Тогаш сфатиле дека „Речта стана тело и се настани меѓу нас. И ние ја видовме Неговата слава, славата што ја има како Единороден од Таткото, полн со благодат и вистина”. (Јован 1:14) Христос дошол од Бога кај грешниот свет за да ги спаси паднатите Адамови синови и ќерки. Кога го сфатиле ова, учениците сега самите себеси си изгледале помалку важни. Тие никогаш не се изморile од повторување на Неговите зборови и дела. Неговите поуки, кои само нејасно ги разбрале, сега за нив претставувале ново откровение. Светото Писмо за нив станало нова книга. {КВ 506.4}

Кога ги пребарувале пророштвата што сведочеле за Христа, учениците дошле во заедништво со Божеството и стекнале знаење за Оној, Кој се вознел на Небото, за да го заврши делото што го започнал на Земјата. Тие увиделе дека Тој располагал со сознание кое ниедно човечко суштество не може да го разбере доколку не му се пружи божествена помош. Им била потребна помош од Оној, Кој го претскажале царевите, пророците и праведниците. Со восхит ги читале и препрочитувале пророчките описи за Неговиот карактер и дело. Колку нејасно ги сфаќале пророчките списи; колку бавно ги примале големите вистини што сведочеле за Христа! Додека го набљудувале во Неговото понижување, кога одел како човек меѓу луѓето, тие не ја разбрале тајната на Неговото отелотворување, двојниот карактер на Неговата природа. Нивните очи биле заслепени, така што не биле во состојба во потполност да го препознаат божественото во човечкото. Меѓутоа, кога Светиот Дух ги просветлил, колку силно посакувале повторно да го видат и да седнат покрај Неговите нозе! Колку само посакувале да можат да дојдат кај Него и Тој да им ги објасни оние делови од Светото Писмо што не можеле да ги разберат! Колку внимателно би ги слушале Неговите зборови! Што мислел Христос, кога рекол: „Имам уште многу да ви кажам, но сега не можете да носите”. (Јован 16:12) Колку биле желни да го знаат сето тоа! Тагувале што верата им била толку слаба, што нивните замисли биле толку далеку од саканата цел, што не успеале да ја сфатат реалноста. {КВ 507.1}

Еден гласник бил испратен од Бога да го објави Христовото доаѓање и да го насочи вниманието на еврејскиот народ и на светот кон Неговата мисија, за луѓето да можат да

се подготват да го примат. Прекрасната личност што ја најавил Јован се наоѓала повеќе од триесет години меѓу нив, а тие всушност не знаеле дека Тој е Оној, Кого Бог го испратил. Учениците чувствувале грижа на совеста што дозволиле неверието кое преовладувало да ги закваси нивните мислења и да го замагли нивното разбирање. Светлината на овој мрачен свет блескала среде неговиот мрак, а тие не сфатиле од каде доаѓаат нејзините зраци. Самите себеси се прашувале зошто се однесувале така, за да Христос мора да ги укорува. Честопати ги повторувале Неговите разговори и зборувале: „Зошто дозволивме земните обѕири и противењето на свештениците и рабините да ги збунат нашите сетила, така што не разбравме дека меѓу нас се наоѓа Еден, Кој е поголем од Мојсеј, дека не поучува Еден, Кој е помудар од Соломон? Колку биле тапи нашите уши! Колку слабо било нашето сфаќање!“ {КВ 508.1}

Тома не сакал да верува сè додека не го ставил својот прст во раната што ја направиле римските војници. Петар се одрекол од Него, тогаш кога Тој бил понижен и отфрлен. Тие болни спомени се враќале во нивната свест на јасен начин. Биле со Него, но не Го познавале, ниту ценеле. Но колку сега тие нешта ги допреле нивните срца, кога го увиделе своето неверие! {КВ 508.2}

Кога свештениците и поглаварите се здружиле против нив, кога биле донесени пред совети и ги фрлале во затвор, Христовите следбеници се радувале „што беа удостоени да поднесат понижување за Неговото име”. (Дела 5:41) Се радувале што пред ангелите и луѓето можеле да докажат дека тие ја препознале Исусовата слава и дека одлучиле да одат по Него, па дури и ако изгубат сè останато. {КВ 508.3}

Денес е исто онака, како и во времето на апостолите, дека човештвото не може да ја запознае Христовата слава без вдахновение од Божјиот дух. Христијанството кое го љуби светот и кое прави компромиси, не може да ги цени вистината и Божјото дело. Следбениците на Учителот не се наоѓаат онаму каде што има удобен живот, земни почести и прилагодување кон овој свет. Тие се наоѓаат многу понапред, на патеката на трудот, понижувањето и презирот, во првите редови на борбата „против началствата, против властите, против светските управители на темнината, против поднебесните духови на злобата”. (Ефесјаните 6:12) И денес, како и во Христово време, тие се погрешно разбрани, навредувани и угнетувани од страна на современите свештеници и фарисеи. {КВ 508.4}

Божјото царство не доаѓа со надворешно покажување. Евангелието на Божјата благодат, со својот дух на самоодрекување, никогаш не може да биде во хармонија со духот на овој свет. Тие две начела се во меѓусебно непријателство. „Телесниот човек не го прима она што е од Божјиот дух, затоа што тоа за него е безумие и не може да го осознае, зашто за тоа треба да расудува на духовен начин”. (1. Коринтјаните 2:14) {КВ 509.1}

И денес во верскиот свет има многумина кои, како што веруваат, работат за воспоставување на Христовото царство како земно и временско владеење. Тие сакаат да го направат нашиот Бог владетел на царствата на овој свет, владетел во земните судови и кампови, законодавни сали, палати и пазари. Тие очекуваат Тој да владее со помош на легални закони, спроведени од човечката власт. И бидејќи Исус сега не е тука лично, тие самите ќе преземат на себе да дејствуваат наместо Него и ги спроведуваат законите на Неговото царство. Воспоставувањето на такво царство го претставува она што го посакувале Евреите во Христовото време. Во тоа време тие би го примиле Христа, кога Тој би имал волја да воспостави земно царство, и да го спроведе она што тие го сметале како Божји закон и нив да ги направи објаснувачи на Својата волја и

претставници на Својата власт. Но Тој рекол: „Моето царство не е од овој свет”. (Јован 18:36) Тој не сакал да го прими земниот престол. {КВ 509.2}

Власта под која живеел Исус била изопачена и угнетувачка; секаде можеле да се видат ужасни злоупотреби принудувања, нетрпеливост и груба суровост. Сепак, Спасителот не се обидувал да спроведе граѓански реформи. Тој не ги нападнал националните злоупотреби, ниту ги осудувал непријателите на народот. Тој не се мешал во надлежноста или управувањето на оние кои се наоѓале на власт. Тој, Кој бил наш пример, не се мешал во земните власти, не затоа што бил рамнодушен кон човечките страдања, туку затоа што лекот не се наоѓал во човечките и надворешните мерки сами по себе. За да биде успешно, лекувањето мора да биде поединечно и срцето мора да се препороди. {КВ 509.3}

Христовото царство не може да се воспостави со одлука на судовите, советите или законодавните собранија, ниту под покровителство на големите луѓе на овој свет, туку со имплантирање на Христовата природа во човечките синови, преку дејството на Светиот Дух. „А на сите што го примија, им даде власт да станат Божји синови на оние кои веруваат во Неговото име, кои не се родени од крв, ниту од похота телесна, ниту од човечка волја туку од Бога“ (Јован 1:12,13) Тоа е единствената сила што може да го воздигне човештвото. А човековото учество во остварувањето на тоа дело се состои во проповедање и практикување на Божјите зборови. {КВ 509.4}

Кога ја започнал својата служба во Коринт во тој многуброен, богат и злобен град, извалкан со пороците на незнабоштвото кои не се ни за споменување, апостол Павле рекол: „Решив меѓу вас да не знам за ништо друго освен за Исуса Христа и тоа Распнатиот“ (1. Коринтјаните 2:2) Пишувајќи им потоа на некои од нив, кои биле извалкани од најлошите гревови, тој можел да каже: „Но, се измивте, се посветивте и бевте оправдани во името на нашиот Господ Исус и преку Духот на нашиот Бог”. „Постојано му благодарам на мојот Бог за вас, за Божјата благодат што ви е дадена преку Исуса Христа”. (1. Коринтјаните 6:11; 1:4) {КВ 510.1}

Денес, како и во Христово време, делото на Божјото царство не лежи во рацете на оние што гласно бараат признавање и поддршка од земните владетели и човечките закони, туку во оние што во Негово име му ги објавуваат на народот оние духовни вистини, кои животот на слушателите ќе го доведат до искуство слично со Павловото: „Со Христа сум распнат и јас веќе не живеам, туку Христос живее во мене”. (Галатјаните 2:20) Тогаш и тие ќе работат како и Павле за доброто на другите. Тој рекол: „Па така, ние сме пратеници наместо Христа, како Бог да моли преку нас; ве молиме во Христово име, помирете се со Бога”. (2. Коринтјаните 5:20) {КВ 510.2}

56. БЛАГОСЛОВУВАЊЕ НА ДЕЦАТА

Оваа поглавје е засновано на Матеј 19:13-15; Марко 10:13-16; Лука 18:15-17.

Исус секогаш ги сакал децата. Тој ги прифаќал детските чувства и нивната отворена и искрена љубов. Благодарноста од нивните чисти усни звучела како музика во Неговите уши и го освежувала Неговиот Дух, кога бил угнетуван поради допирот со лукавите и лицемерни луѓе. Каде и да одел Спасителот, добрината што се одразувала на Неговото лице и Неговото нежно, љубезно однесување, ја задобивале љубовта и довербата на децата. {КВ 511.1}

Кај Евреите постоел обичај да ги доведуваат децата кај некои од рабините за да ги благословат, положувајќи ги рацете на нив. Меѓутоа, учениците на Спасителот сметале дека Неговото дело е премногу значајно за да биде прекинато на тој начин. Кога мајките почнале да ги доведуваат своите малечки, учениците покажувале незадоволство кон нив. Тие сметале дека тие деца се премногу млади и дека нема да им користи посетата кај Исуса, па дошле до заклучок дека на Исуса нема да му биде пријатно нивното присуство. Меѓутоа, на Исуса не му бил угоден таквиот став на учениците. Спасителот знаел колку тие мајки се грижат и се трудат да ги воспитаат своите деца во согласност со Божјата Реч. Тој ги слушнал нивните молитви. Самиот ги привлекол да дојдат кај Него. {КВ 511.2}

Една мајка со своето дете заминала од својот дом за да го најде Исуса. По патот и раскажала на својата сосетка каде тргнала, а сосетката посакала Исус да ги благослови и нејзините деца. Така се собрале неколку мајки со своите малечки. Некои од децата ги преминале годините на раното детство кон детството и младоста. Кога мајките ги соопштиле своите желби, Исус ги сослушал со сочувство тие срамежливи, солзливи молби. Меѓутоа Тој почекал да види каков третман ќе им дадат учениците. Кога видел дека учениците, сметајќи дека му прават Нему услуга, ги враќаат мајките, Тој им кажал дека грешат и им рекол: „Пуштете ги децата и не бранете им да доаѓаат при Мене, зашто на таквите им припаѓа царството небесно”. Ги земал децата во прегратка, ги ставал рацете на нив и им го дал благословот по кој дошле. {КВ 511.3}

Мајките биле утешени. Се вратиле во своите домови зајакнати и благословени од Христовите зборови. Биле охрабрени да го носат својот товар со нова ведрина и со полна надеж да се грижат за своите деца. Денешните мајки треба со иста таква вера да ги примат Христовите зборови. Христос и денес е наш личен Спасител исто онака, кога како човек живеел меѓу луѓето. Тој и денес им помага на мајките на ист начин како што им помагал, кога ги земал во Своја прегратка децата во Јудеја. Со Својата крв Тој ги откупил и нашите деца, исто како што ги откупил и децата од тоа време. {КВ 512.1}

Исус знае каков товар носи срцето на секоја мајка. Неговата мајка се борела со сиромаштија и неволји и Тој сочувствува со секоја мајка во нејзината работа. Тој поминал далечен пат за да ја симне грижата од срцето на Хананејката и истото тоа ќе го направи и за денешните мајки. Грижите на денешните мајки го допираат срцето на Оној, Кој на вдовицата од Наин и го вратил синот единец и Кој во Својата агонија на крстот, се сетил на Својата мајка. Во секоја тага и во секоја неволја, Тој дава утеха и помош. {КВ 512.2}

Мајките нека дојдат кај Исуса со своите грижи. Тие ќе најдат благодат, која ќе им биде доволна поддршка во воспитување на децата. Вратата е отворена за секоја мајка што сака да го положи својот товар покрај нозете на Спасителот. Оној што рекол: „Пуштете ги децата и не бранете им да доаѓаат при Мене,“ сè уште ги повикува мајките да му ги доведат своите деца за Тој да ги благослови. Дури и новороденчето во мајчината прегратка може да живее како под сенка на Семоќниот, преку верата на мајката која се моли. Јован Крстителот од своето раѓање бил исполнет со Светиот Дух. Ако живееме во заедница со Бога, и ние исто така можеме да очекуваме дека божествениот Дух ќе ги обликува нашите деца, дури и од најраното детство. {КВ 512.3}

Во децата кои биле донесени во допир со Него, Исус видел мажи и жени кои треба да бидат наследници на Неговата благодат и поданици на Неговото царство, а некои и маченици поради Него. Знаел дека тие деца ќе ги слушаат Неговите зборови и ќе го примат како свој Откупител многу полесно од возрасните, од кои многумина биле

мудри во световна мудрост и со тврди срца. Во изложувањето на Своите поуки, Тој се спуштал до нив. Тој, Височеството на Небото не мислел за Себе дека е премногу возвишен за да одговара на нивните прашања и да ги упрости Своите важни поуки, за да бидат приемчиви за нивниот детски ум. Во нив посеал дух на семе на вистината, кое ќе никне по многу години и ќе донесе плод за вечен живот. {КВ 512.4}

Сè уште е вистина дека децата се најприемчиви за поуките од евангелието; нивните срца се отворени за божествените влијанија и тие се во состојба да ги задржат примените поуки. Малите деца можат да бидат христијани, имајќи искуство во согласност со своите години. Тие треба да се едуцираат во духовните нешта и затоа родителите треба да им пружат секаква можност, за да можат да формираат карактер по углед на Христовиот карактер. {КВ 515.1}

Татковците и мајките треба да гледаат кон своите деца како на помлади членови на Господовото семејство, кои им се доверени за да ги едуцираат за Небото. Поуките што самите ги примаме од Христа треба да им ги даваме на своите деца онака, како што разумот на детето е во состојба да ги прими, откривајќи им ја, малку по малку, убавината на небесните начела. Така христијанскиот дом станува училиште, каде што родителите служат како помошници, додека Христос е главниот инструктор. {КВ 515.2}

Работејќи на обратување на своите деца, не треба да бараме да видиме силни емоции, како неопходен доказ за согледување на гревот. Ниту пак е потребно да се знае точното време на нивното обратување. Ние треба да ги поучуваме тие да ги донесат своите гревови кај Исуса и да бараат прошка, верувајќи дека Тој простува и дека ги прима, како што ги примал децата, кога лично бил на Земјата. {КВ 515.3}

Мајката која ги поучува своите деца да ја слушаат затоа што ја сакаат, таа со тоа ги поучува на првите лекции во христијанскиот живот. Мајчината љубов ја претставува кај децата Христовата љубов, па малечките што имаат доверба и се послушни на својата мајка, со тоа се поучуваат да имаат доверба и да бидат послушни на Спасителот. {КВ 515.4}

Исус бил пример за децата и пример за татковците. Зборувал како Оној, Кој има власт и Неговите зборови имале сила; но Сепак во односите со грубите и насилнички настроените луѓе никогаш не употребил ниту еден нељубезен или неучтив израз. Христовата благодат во срцето ќе им подари на луѓето достоинство кое има потекло од Небото и чувство за пристојност. Таа ќе ублажи сè што е грубо и ќе потчини сè што е некултурно и нељубезно. Таа ќе ги води мајките и татковците да постапуваат со своите деца како со разумни суштества, како што и сами би сакале да се постапува со нив. {КВ 515.5}

Родители, воспитувајќи ги своите деца, проучувајте ги поуките кои Бог ги дал во природата. Како би постапувале кога би сакале да одгледувате каранфил, роза или лилјан? Прашајте го градинарот како успева секое гранче и секој лист да му се развиваат правилно, складно и убаво. Ќе ви каже дека тоа не го постигнал со никакви груби допири, ниту со насилна работа, бидејќи со тоа само би ги скршил нежните стебленца. Тој го постигнал тоа со мали вниманија кои често ги повторувал. Ја залевал почвата, ги штител растенијата од силните ветрови и од жешкото сонце, а Бог овозможил тие да се развиваат и да цветаат во убавина. Во постапување со своите деца, постапувајте како градинарот. Со нежни допири, задоволувајќи ги нивните потреби со љубов, настојувајте да ги обликувате нивните карактери по углед на Христовиот карактер. {КВ 516.1}

Охрабрувајте израз на љубов кон Бога и едни кон други. Причината што во светот има толку бесчувствителни мажи и жени, е тоа што вистинската љубов е сметана како

израз на слабост и била потиснувана и придушувана. Подобрата природа на овие луѓе била задушена во детството и ако светлината на божествената љубов не ја растопи нивната студена себичност, нивната среќа засекогаш ќе биде упропастена. Ако сакаме нашите деца да го поседуваат нежниот Исусов дух и сочувството што ангелите го покажуваат кон нас, мораме да ја поттикнуваме детската благородност и љубов. {КВ 516.2}

Учете ги децата да го видат Христа во природата. Изведете ги надвор на свеж воздух, под величествените дрвја, во градината и учете ги во сите величествени дела на создавање да го видат изразот на Неговата љубов. Учете ги дека Бог ги создал законите кои управуваат со сите живи нешта, дека Тој создал закони за нас, и дека тие закони се услов за нашата среќа и радост. Не ги заморувајте со долги молитви и здодевни говори, туку преку очевидни поуки на природата поучувајте ги на послушност кон Божјиот закон. {КВ 516.3}

Ако ја стекнете нивната доверба во вас, како на Христови следбеници, ќе ви биде лесно да ги поучувате за големата љубов со која Тој ве љубел. Ангелите ќе бидат покрај вас, додека се трудите да им ги објаснувате вистините на спасението и им укажувате на Христа како на личен Спасител. Бог ќе им подари на татковците и мајките благодат да ги заинтересираат своите деца за драгоцената сторија за Бебето од Витлеем, Кое навистина е надежта на светот. {КВ 517.1}

Кога Исус им зборувал на учениците да не им бранат на децата да му приоѓаат, им зборувал на Своите следбеници во сите векови на службениците на црквата, на проповедниците, на помошниците и на сите христијани. Исус ги привлекува децата и ни заповеда „Не бранете им,“ како да сака да каже: „Тие ќе дојдат кај Мене, ако вие не ги спречите во тоа”. {КВ 517.2}

Немојте да дозволите вашиот нехристијански карактер погрешно да го прикаже погрешно Исуса. Немојте со својата рамнодушност и грубост да ги оддалечувате децата од Него. Никогаш не им давајте причина да чувствуваат дека Небото нема да биде пријатно место за нив до-колку вие сте таму. Не зборувајте за верата како за нешто што децата не можат да го разберат, ниту постапувајте така, како од нив да не се очекува да го примат Христа во своето детство. Не создавајте кај нив погрешен впечаток дека Христовата религија е мрачна религија и дека со доаѓањето кај Спасителот, мораат да се откажат од сето она што го прави животот радосен. {КВ 517.3}

Кога Светиот Дух ќе го поттикне срцето на вашето дете, соработувајте во Неговото дело. Учете ги дека Спасителот ги повикува, дека за Него нема поголема радост, отколку, кога тие ќе му се предадат себеси во цветот и свежината на својата младост. {КВ 517.4}

Спасителот чувствува бескрајна нежност кон душите што ги откупил со Својата крв. Тие се своина на Неговата љубов. Тој чувствува неискажлив копнеж за нив. Тој ги љуби не само најпослушните деца, туку и оние кои преку наследство поседуваат лоши црти на карактерот. Родителите не сфаќаат колку се одговорни токму поради тие црти во карактерот на своите деца. Тие немаат нежност и мудрост кои се неопходни во постапувањето со заблудените, кои се такви заради нивните родители. Меѓутоа, Исус има сочувство кон таквите деца. Тој ги познава и причините и последиците. {КВ 517.5}

Христијанскиот работник може да биде Христов посредник во привлекување на таквите деца кај Спасителот. Со мудрост и тактичност тој може да ги врзе за своето срце, може да им даде охрабрување и надеж и преку Христовата благодат може да ги види

трансформирани во карактерот, така што за нив ќе може да се каже: „На таквите им припаѓа царството небесно”. {КВ 517.6}

57. „ЕДНО ТИ НЕДОСТИГА"

Оваа поглавје е засновано на Матеј 19:16-22; Марко 10:17-22; Лука 18:18-23.

„Додека излегуваше на пат, дотрча еден човек, падна пред Него на колена и го праша: ‘Учителе добар, што треба да правам за да наследам живот вечен’?“ {КВ 518.1}

Момчето што го поставило прашањето бил поглавар. Тој имал голем имот и се наоѓал на одговорна положба. Видел како Христовата љубов се манифестирала кон децата кои биле доведени кај Него; видел како нежно ги прима и ги зема во прегратка и во неговото срце се разбудила љубов кон Спасителот. Почувствувал желба да стане Негов ученик. Бил толку возбуден што, кога Христос одел по Својот пат, потрчал по Него и, клекнувајќи пред Неговите нозе, искрено и срдечно му го поставил прашањето кое било толку значајно за неговата душа и за душата на секое човечко суштество: „Учителе добар, што треба да правам за да наследам живот вечен?“ {КВ 518.2}

„Зошто ме викаш добар,“ рекол Исус, „никој не е добар освен Еден Бог”. Исус имал желба да ја провери неговата искреност и да го поттикне да каже на кој начин го смета за добар. Дали увидува дека Оној со Кого зборува е Божјиот Син? Какви се вистинските чувства на неговото срце? {КВ 518.3}

Поглаварот имал многу високо мислење за својата праведност. Тој воопшто не претпоставувал дека има некакви недостатоци, но тој Сепак не бил потполно задоволен. Чувствувал потреба за нешто што му недостига. Зар Исус не би можел да го благослови, како што ги благословил децата и со тоа да ја задоволи потребата на неговата душа? {КВ 518.4}

Одговарајќи на тоа прашање Исус му рекол дека е потребно да се покорува на Божјите заповеди ако сака да добие вечен живот и цитирал неколку заповеди кои укажуваат на должностите на човекот кон ближните. Одговорот на поглаварот бил потврден: „Сето тоа го држам од својата младост, што уште ми недостасува?“ {КВ 518.5}

Христос го набљудувал лицето на момчето како да го чита неговиот живот и да го испитува неговиот карактер. Тој го засакал и копнеел да му даде мир, благодат и радост, што битно ќе го измени неговиот карактер. „Едно ти недостига,“ рекол Тој, „оди продај сè што имаш и дај им го на сиромасите и ќе имаш богатство на Небото. Тогаш дојди, земи го крстот и следи Ме”. {КВ 519.1}

Христос чувствувал наклонетост кон ова момче. Знаел дека бил искрен, кога рекол: „Сето тоа го држам од својата младост”. Спасителот копнеел во него да создаде таква проникливост, која ќе го оспособи да ја види неопходноста за преданост на срцето и христијанска добрина. Тој копнеел во него да види понизно и покајничко срце, свесно за највозвишената љубов што треба да му се пружи на Бога, сокривајќи го својот недостиг во Христовото совршенство. {КВ 519.2}

Исус видел дека тоа момче би можело да биде од помош доколку стане Негов соработник во делото на спасението. Кога би се потчинил на Христовото водство, тој би бил сила за добро. Можел да стане истакнат Христов претставник, бидејќи имал особини кои, доколку тој ги обедини со Спасителот, нему ќе му овозможат да стане божествена сила меѓу луѓето. Познавајќи го неговиот карактер, Христос го засакал. Во

срцето на момчето се будела љубов кон Христа, бидејќи љубовта раѓа љубов. Исус посакувал тоа момче да стане Негов соработник. Посакувал него да го направи сличен на Себеси, огледало во кое ќе се одразува сличноста со Бога. Тој копнеел да го развие до совршеност неговиот карактер и да го посвети за да биде од корист на Учителот. Ако тогаш му се предало на Христа, момчето би се усовршило во атмосферата на Неговото присуство. Колку би била поинаква неговата иднина, ако се одлучил на тоа! {КВ 519.3}

„Едно ти недостига," рекол Исус. „Ако сакаш да бидеш совршен; оди, продај сè што имаш и дај им на сиромасите, па ќе имаш богатство на Небото. Тогаш дојди и следи Ме". Христос прочитал што се крие во срцето на момчето. Му недостигало уште едно но тоа било начело од животно значење. Му била потребна Божја љубов во душата. Ако не биде задоволен, тој недостаток ќе се покаже како фатален за него; целото негово битие ќе се изопачи. Преку угодување, себичноста ќе зајакнува. За да може да ја прими Божјата љубов, тој мора да се одрекне од големата љубов кон самиот себеси. {КВ 519.4}

Христос го ставил овој човек на проба. Тој го повикал да го избере или небесното богатство или световната големина. Небесното богатство би му било осигурено, кога би го следел Христа. Но затоа мора да се откаже од своето „јас", својата волја морал да ја потчини под Христовата волја. На младиот поглавар му била понудена Божјата светост. Имал предност да стане Божји син, Христов сонаследник во небесното богатство. Меѓутоа, тој морал да го земе крстот и да го следи Спасителот по патеката на самоодрекување. {КВ 519.5}

Зборовите кои Христос му ги упатил на поглаварот навистина го претставувале повикот: „Изберете денеска на кого ќе му служите". (Исус Навин 24:15) На него му било препуштено да избере. Исус силно посакувал момчето да се обрати. Тој му укажал на кобниот недостаток во неговиот карактер и со длабоко внимание го очекувал резултатот додека момчето размислувало за тоа. Ако се одлучи да појде со Христа, тогаш мора во потполност да им се покорува на Неговите зборови. Мора да се откаже од своите амбициозни планови. Со каков срдечен, желен копнеж, со каква душевна глад Спасителот го набљудувал момчето, надевајќи се дека тој ќе одговори на повикот на Божјиот Дух. {КВ 520.1}

Христос го нагласил единствениот услов кој би го ставил поглаварот во положба да го усоврши христијанскиот карактер. Неговите зборови биле зборови на мудрост, иако изгледале строги и како многу да барале. Единствената надеж за спасение на овој поглавар се состоела во тоа да ги прифати и да им се покори. Неговата висока положба и неговиот имот суптилно и лошо влијаеле врз неговиот карактер. Ако ги негува, тие ќе го заменат Бога во неговите чувства. Да се задржи малку или многу од Бога, значи да се задржи нешто што би ја намалило неговата морална сила и делотворност; бидејќи ако ги негува нештата од овој свет, колку тие да се неизвесни и безвредни, тие можат целосно да завладеат со него. {КВ 520.2}

Поглаварот брзо воочил што значат Христовите зборови, па се натажил. Кога би ја сфатил вредноста на понудениот дар, бргу би се придружил на Христовите следбеници. Бил член на угледниот еврејски Совет и сатаната го искушувал со ласкави изгледи во иднината. Го сакал небесното богатство, но исто така ги сакал и земните предимства што ги овозможувало неговото богатство. Му било жал што постојат такви услови; сакал вечен живот, но немал волја да поднесе жртва. Цената на вечниот живот му изгледала премногу голема и си заминал тажен, „бидејќи имаше голем имот". {КВ 520.3}

Неговото тврдење дека го држел Божјиот закон било измама. Тој покажал дека богатството е негов идол. Тој не можел да ги држи Божјите заповеди сè додека светот

заземал прво место во неговото срце. Ги сакал Божјите дарови повеќе од Дародавецот. Христос му понудил на момчето заедница со Себеси. „Следи Ме“ рекол Тој. Меѓутоа, личниот углед во општеството и неговиот имот за него биле поважни од Спасителот. Да се откаже од своето земно богатство, кое е видливо, за небесното богатство, кое е невидливо тоа бил премногу голем ризик. Ја одбил понудата за вечен живот и заминал, служејќи му секогаш потоа на светот. Илјадници луѓе минуваат низ таа огнена проба, бирајќи помеѓу Христа и светот и многумина го одбираат светот. Како младиот поглавар, тие се свртуваат од Спасителот, зборувајќи во своето срце: „Не сакам овој Човек да биде мој водач”. {КВ 520.4}

Христовата постапка кон момчето ни е прикажана како една очигледна поука. Бог ни дал правило за однесување кое треба да го следи секој еден од Неговите слуги. Тоа е послушност кон Неговиот закон, не само формална послушност, туку послушност, која навлегува во животот и која е прикажана преку карактерот. Бог поставил Свој стандард на карактер каков треба да имаат сите што сакаат да станат поданици на Неговото царство. Како Божји синови и ќерки ќе бидат признаени само оние што ќе станат Христови соработници, само оние што велат: „Господе, сè што имам и сè што сум ти припаѓа Тебе”. Сите треба да размислат што значи да се посакува Небото, а Сепак да се одврати од истото поради условите кои се поставени. Размислувајте за тоа што значи да му се каже „Не“ на Христа. Младиот поглавар рекол: „Не, не можам да ти дадам сè”. Дали и ние го велиме истото? Спасителот ни нуди да учествува со нас во делото кое Бог ни го дал да го вршиме. Тој ни нуди да ги употребиме средствата кои Бог ни ги дал за да го унапредиме Неговото дело во светот. Само на тој начин Тој може да нè спаси. {КВ 523.1}

На младиот поглавар му бил даден имот за да се покаже како верен повереник; тој требало да ги раздели тие добра на благослов на оние на кои се во оскудица. Така Бог и денес им доверува на луѓето имот, способности и можности за тие да бидат Негови претставници, помагајќи ги сиромашните и страдалниците. Оној што ги употребува даровите кои му се доверени, онака како што Бог одредил тој станува соработник на Спасителот. Таквиот човек придобива души за Христа, бидејќи е претставник на Неговиот карактер. {КВ 523.2}

На оние кои, како младиот поглавар, се наоѓаат на висока положба и кои имаат големи имоти може да им изгледа преголема жртвата да се откажат од сè за да тргнат по Христа. Меѓутоа, тоа правило е пропишано за сите што сакаат да станат Негови ученици. Само послушноста може да биде примена. Самопредавањето е суштина на Христовото учење. Честопати, тоа се презентира и наложува со јазик кој изгледа авторитетен, но за спасение на човекот нема друг пат освен да се отфрлат оние нешта кои, доколку им попуштаме, ќе го деморализираат целото битие. {КВ 523.3}

Кога му го враќаат на Господа она што е негово, Христовите следбеници акумулираат богатство што ќе им биде дадено кога ќе ги слушнат зборовите: „Добро извршено, добар и верен слуго... влези во радоста на својот Господар”. „Кој, поради радоста што беше пред Него, го претрпе крстот, презирајќи го срамот и седна од десната страна на Божјиот престол”. (Матеј 25:23; Евреите 12:2) Радоста што ги гледаат откупените души, душите спасени за вечност тоа е награда за сите оние што одат по стапките на Оној што рекол: „Следи Ме”. {КВ 523.4}

58. „ЛАЗАРЕ, ИЗЛЕЗИ НАДВОР"

Оваа поглавје е засновано на Лука 10:38-42; Јован 11:1-44.

Лазар од Витанија бил меѓу најнепоколебливите Христови ученици. Од нивната прва средба, неговата вера во Христа била силна, неговата љубов кон Учителот многу длабока, а и Исус многу го сакал него. За Лазар Христос го направил Своето најголемо чудо. Спасителот ги благословувал сите оние што барале Негова помош; Тој го сака целото човечко семејство, но со некои го поврзуваат посебни нежни врски. Неговото срце било врзано со силна врска на љубов со семејството од Витанија, па за еден член од тоа семејство го направил Своето најголемо чудо. {КВ 524.1}

Во домот на Лазар, Исус често пронаоѓал одмор. Спасителот немал Свој дом, туку зависел од гостопримството на Своите пријатели и ученици, па затоа често, кога бил изморен и кога му било потребно друштво, со радост наоѓал засолниште во тоа спокојно семејство, далеку од сомнежите и зависта на гневните фарисеи. Тука наидувал на срдечен пречек и на чисто и свето пријателство. Тука можел да зборува едноставно и потполно слободно, знаејќи дека тие ќе го разберат и високо ќе ги ценат Неговите зборови. {КВ 524.2}

Нашиот Спасител ценел тивок дом и заинтересирани слушатели. Тој копнеел за човечка нежност, учтивост и љубов. Оние чие срце ги примало небесните поуки што Тој секогаш бил подготвен да ги изнесува, примале обилни благослови. Кога мноштвото народ одело по Христа преку широките полиња, Тој им ги откривал убавините на природата. Тој се трудел да ги отвори нивните духовни очи за да ја видат Божјата рака која го одржува светот. Сакајќи да ги наведе своите слушатели да ја ценат Божјата добрина и благонаклонетост, Тој им укажувал на нежната роса, тивкиот дожд и на блескавите сончеви зраци што подеднакво се даваат и на добрите и на лошите. Сакал луѓето во потполност да го сфатат вниманието што Бог им го подарува како на Свои созданија. Сепак, мноштвата бавно ја сфаќале таа поука, а во семејството во Витанија Христос се одморал од тие заморни конфликти во јавниот живот. Тука, пред внимателните слушатели, Тој ја отворал книгата на Провидението. Во тие приватни разговори Тој на Своите слушатели им го изложувал она што не се обидувал да му го каже на мноштвото народ составено од секакви луѓе. Не Му било потребно да им зборува на Своите пријатели во параболи. {КВ 524.3}

Кога Христос ги давал Своите драгоцени поуки, Марија со стравопочит и преданост слушала, седејќи покрај Неговите нозе. Во една прилика Марта, под стрес на грижата околу подготвувањето на храната, му пристапила на Христос, велејќи: „Господе, зар тебе не ти е грижа што сестра ми ме остави сама да служам? Кажи и да ми помогне". Тоа било во времето на првата Христова посета на Витанија. Непосредно пред тоа Спасителот и Неговите ученици пешачејќи поминале долг и напорен пат од Ерихон. Марта сакала да ги угости што е можно подобро и во таа своја желба заборавила на љубезноста што ја должела на својот Гостин. Исус и одговорил со благи и трпеливи зборови: „Марта, Марта, се грижиш и се вознемируваш за многу работи, а Сепак само едно е потребно. Марија го избра добриот дел, кој нема да и се одземе". Марија го исполнувала својот ум со драгоцените зборови што Доаѓале од усните на Спасителот, зборови, кои за неа биле подрагоцени од најскапите земни скапоцености. {КВ 525.1}

На Марта „едно и било потребно," спокоен, посветен дух, подлабока желба за знаењето во врска со иднината, бесмртниот живот и за особините што се потребни за духовен напредок. Било потребно помалку да се грижи за она што е минливо, а повеќе

за она што останува вечно. Исус сака да ги поучи Своите деца да ја искористат секоја прилика за да го стекнат она знаење, кое ќе ги направи мудри за спасението. Во Христовото дело неопходни се грижливи и енергични работници. За жените како што е Марта постои широко поле за нивната ревност во активна религиозна работа. Но тие претходно треба да седат со Марија покрај Исусовите нозе. Трудољубивоста, ажурноста и енергијата треба прво да бидат посветени од Христовата благодат и тогаш животот ќе биде непобедлива сила за добро. {КВ 525.2}

Но во мирниот дом во кој Исус се одморал влегла тага. Лазар бил совладан од ненадејна болест и неговите сестри му испратиле порака на Спасителот, говорејќи: „Господе, ете оној кого го љубиш е болен". Тие ја виделе суровоста на болеста која му се случила на нивниот брат, но знаеле дека Христос се покажал Себеси дека е во можност да ја исцели секоја болест. Биле уверени дека Тој ќе сочувствува со нив во нивната неволја и поради тоа не го молеле веднаш да дојде, туку само му испратиле доверлива порака: „Оној кого го љубиш е болен". Тие мислеле дека Тој веднаш ќе одговори на нивната порака и дека ќе дојде кај нив онолку скоро колку што ќе му треба време да дојде во Витанија. {КВ 525.3}

Нетрпеливо чекале Христос да им упати каков било збор. Сè додека во нивниот брат се одржувала и најмала искра на живот, тие се молеле и чекале Исус да дојде. Но гласникот дошол без Него. Сепак, тој ја донел пораката: „Оваа болест не е смртоносна" и тие цврсто се држеле за надежта дека Лазар ќе живее. Нежно тие се обидувале да му упатуваат зборови на надеж и охрабрување, на речиси бесвесниот страдалник. Кога Лазар умрел, биле горко разочарани, но ја чувствувале поддршката на Христовата благодат и поради тоа не фрлале вина на Спасителот. {КВ 526.1}

Кога Христос ја слушнал пораката на учениците им се причинило дека тоа ја примил студено. Тој не ја манифестирал онаа жалост која очекувале Тој да ја покаже. Погледнувајќи ги, Тој рекол: „Оваа болест не е смртоносна туку за Божја слава, за да се прослави Божјиот син преку неа". Два дена Тој останал во местото каде што бил. За учениците тоа задржување било мистериозно. Каква утеха би им донело Неговото присуство на натаженото семејство! размислувале тие. Неговите нежни чувства кон семејството во Витанија им биле добро познати на учениците и тие биле изненадени што Тој не се одзвал на тажната вест: „Оној кого го љубиш е болен". {КВ 526.2}

Во текот на тие два дена изгледало како Христос да ја отстранил пораката од својот ум, бидејќи воопшто не зборувал за Лазар. Учениците се сетиле на Јован Крстителот, Христовиот предвесник. Се прашувале зошто Исус и покрај Својата моќ да извршува прекрасни чуда, дозволил Јован да биде во затвор и да умре со насилна смрт. Зошто Исус, кога располага со таква сила, не го спасил животот на Јован? Тоа прашање често го поставувале фарисеите и го изнесувале како сигурен аргумент против Христовото тврдење дека е Божји Син. Спасителот ги предупредил Своите ученици на неволји, загуби и прогонства. Дали Тој ќе ги заборави во неволја? Некои се прашувале дали погрешно ја сфатиле Неговата мисија. Сите биле длабоко вознемирени. {КВ 526.3}

По дводневното чекање, Исус им рекол на учениците: „Ајде да одиме повторно во Јудеја". Учениците се прашувале зошто Исус чекал два дена, кога веќе имал намера да оди во Јудеја. Но во тоа време тие биле обземени од загриженост за Христа и за себеси. Во постапката што Исус планирал да ја преземе тие не виделе ништо друго освен опасност. „Учителе," рекле тие, „Јудејците сега сакаат да те каменуваат, а Ти повторно одиш таму? Исус одговори: 'Зар денот нема дванаесет часа? Мене ме води Мојот Татко и сè додека ја вршам Неговата волја, животот ми е безбеден. Сè уште не завршиле

Моите дванаесет часа од денот. Се приближувам кон крајот на Моите дванаесет часа во денот, но додека тој трае, не ми се заканува никаква опасност'". {КВ 526.4}

„Ако некој оди дење," продолжил Исус, „не се сопнува, зошто ја гледа светлината на овој свет". Кој ја врши Божјата волја, кој оди по патот кој Бог го одредил, тој не може да се сопне и да падне. Светлината на Божјиот Дух која го води, му овозможува на таквиот човек јасно да ја сфати својата должност и да го води право до крајот на неговото дело. „Но ако некој оди ноќе, се сопнува, затоа што нема во себе светлина". Кој оди по патот кој што го избрал, на кој Бог не го повикал, тој ќе се сопне. За него денот се претвора во ноќ и каде и да е, тој не е безбеден. {КВ 527.1}

„Тоа им го кажа, а потоа продолжи: 'Нашиот пријател Лазар спие, но одам да го разбудам'". „Нашиот пријател Лазар спие". Колку трогателни зборови, колку полни со сочувство! Помислувајќи на опасноста на која ќе се изложи нивниот Учител одејќи во Ерусалим, учениците скоро го заборавиле натаженото семејство во Витанија. Но тоа не било случај со Христа. Учениците почувствувале прекор. Тие биле разочарани што Исус побргу не одговорил на пораката. Дошле во искушение да мислат дека Исус кон Лазар и неговите сестри не чувствува нежна љубов, како што претпоставувале тие, инаку Тој би побрзал веднаш со гласникот. Но зборовите „Нашиот пријател Лазар спие," во нив разбудиле исправни чувства. Биле уверени дека Христос не ги заборавил Своите пријатели кои страдале. {КВ 527.2}

„Потоа Неговите ученици му рекоа: Господе, ако спие ќе оздрави. Но Исус зборуваше за неговата смрт, а тие мислеа дека зборува за почивка во сон. На Своите деца кои веруваат Христос им ја прикажал смртта како спиење. Нивниот живот со Христа е сокриен во Бога и додека не затруби последната труба, оние кои умираат, ќе спијат во Него. {КВ 527.3}

„Тогаш Исус им рече отворено: 'Лазар е мртов. И Јас се радувам заради вас што не бев таму, за да поверувате; туку да одиме при него'". Тома не можел да види ништо друго за својот Учител освен смрт ако тој замине за Јудеја; но тогаш се охрабрил и им рекол на останатите ученици: „Ајде да одиме за и ние да умреме со Него". Тој знаел колку Евреите го мразат Исуса. Нивната намера била да го убијат, но нивната цел не се остварила затоа што сè уште не било завршено времето кое му било одредено. За тоа време Исус го чувале небесните ангели, па ништо не можело да му се случи, дури ни во пределите на Јудеја, каде што рабините заговарале како да Го фатат и да Го убијат. {КВ 527.4}

Учениците се чуделе на Христовите зборови кога рекол: „Лазар умре. И Јас се радувам... што не бев таму". Дали Спасителот сам одбрал да го избегне домот на Своите пријатели кои страдале? Изгледало дека сестрите и Лазар, кој бил на смртна постела биле препуштени самите на себе. Но тие не биле сами. Христос видел сè што се случува и по смртта на Лазар, Неговата благодат ги поддржувала ожалостените сестри. Исус видел како тага ги раскинува нивните срца додека нивниот брат се борел со својот страшен непријател, со смртта. Тој ја чувствувал сета тежина на болката, кога им рекол на Своите ученици: „Лазар умре". Меѓутоа, Христос не можел да мисли само на саканите од Витанија; Тој морал да мисли и на обучувањето на Своите ученици. Тие требало да бидат Негови претставници во светот, со цел Татковиот благослов да ги опфати сите луѓе. Поради нив дозволил Лазар да умре. Кога би го излекувал Лазар од болеста, не би било направено чудото кое било најсигурен доказ за Неговиот божествен карактер. {КВ 528.1}

Кога Христос би се наоѓал во собата на Болниот, Лазар не би умрел, бидејќи сатаната не би имал никаква моќ над него. Смртта не би можела да ја фрли својата стрела на Лазара во присуство на Оној што дарува живот. Затоа Христос останал настрана. Тој му дозволил на непријателот да ја употреби својата сила за да може да го потисне победениот непријател. Тој дозволил Лазар да потпадне под власта на смртта и неговите несреќни сестри доживеале братот да им биде погребан. Христос знаел дека нивната вера во Него како Спасител ќе биде ставена на тешка проба кога ќе го гледаат лицето на својот мртов брат. Но Тој исто така знаел дека нивната вера уште посилно ќе заблеска по борбата низ која минувале тогаш. Ја чувствувал сета тежина на болката низ која минувале тие. Тој не ги љубел помалку затоа што доцнел, но знаел дека за нив, за Лазар, за Себе и за Своите ученици мора да извојува победа. {КВ 528.2}

„Заради вас," „за да поверувате". Токму во моментот на најголемото обесхрабрување, божествената помош е најблиска за сите оние кои бараат Божјата рака да ги води. Тие подоцна со благодарност ќе се сеќаваат на најмрачниот дел од својот пат. „Господ знае како да ги избави побожните". (2. Петрово 2:9) Од секое искушение, од секоја неволја, Тој ги изведува со поцврста вера и со побогато искуство. {КВ 528.3}

Одложувајќи го Своето доаѓање кај Лазар, Христос сакал уште еднаш да им укаже милост на оние што не Го примиле. Тој го одложувал Своето доаѓање со цел со воскресението на Лазар да му даде на тврдоглавиот народ кој не верувал уште еден доказ за тоа дека Тој навистина е „воскресението и животот". Му било тешко да се откаже од целокупната надеж во поглед на Својот народ од сиротите, заталкани овци на Израелевиот дом. Неговото срце се кинело заради нивната непокајаност. Во Својата милост имал намера да им даде уште еден доказ за тоа дека Тој е Избавител, дека само Тој може да ги изнесе на виделина животот и бесмртноста. Тоа требало да биде доказ кој свештениците нема да можат погрешно да го протолкуваат. Од таа причина не заминал веднаш во Витанија. Тоа најголемо чудо подигањето на Лазар од мртвите требало да стави Божји печат на Неговото дело и на Неговото тврдење за Своето божество. {КВ 529.1}

На патот кон Витанија, Исус, според Својот обичај, им служел на болните и несреќните. Доаѓајќи во гратчето, испратил еден гласник кај сестрите со вест за Своето доаѓање. Христос не влегол веднаш во куќата, туку се задржал на едно мирно место во близина на патот. Многубројните надворешни обреди кон кои се придржувале Евреите при смртта на некој роднина или пријател не биле во сообразност со Христовиот дух. Тој го слушал ридањето на жените кои биле изнајмени да оплакуваат и не сакал да се сретне со сестрите на местото каде што владеела таква збрка. Меѓу ожалостените пријатели се наоѓале и роднините на тоа семејство, од кои поединци заземале истакнати положби во Ерусалим. Меѓу нив биле и некои од најогорчените Христови непријатели. Христос ги знаел нивните намери и затоа не се појавил веднаш. {КВ 529.2}

Веста и била пренесена толку тивко на Марта, што никој друг во собата не ја слушнал. Обземена од својата болка, Марија не ги слушнала зборовите. Марта веднаш станала и тргнала во пресрет на својот Господ. Мислејќи дека Марта заминала таму каде што бил погребан Лазар, Марија седела тивко во својата болка, не плачејќи на глас. {КВ 529.3}

Марта брзала да се сретне со Исуса, додека во душата и се бореле спротивставени чувства. На Неговото изразливо лице ја видела истата љубов и нежност кои секогаш се одразувале на него. Нејзината доверба во Него не била поколебана, но таа сега мислела

на својот толку сакан брат, кој и Исус многу го сакал. Со болка која и го раскинувала срцето затоа што Христос не дошол порано, а Сепак со надеж дека Тој дури и сега ќе направи нешто за да ги утеши, таа рекла: „Господе, да беше овде, мојот брат немаше да умре". Одново и одново, среде вревата на оплакувачите, сестрите ги повториле овие зборови. {КВ 529.4}

Со човечко и божествено сочувство Исус гледал во нејзиното тажно и од грижи изморено лице. Марија не сакала да го повтори минатото; сè било изразено преку жалосните зборови: „Господе, да беше овде, мојот брат немаше да умре". Меѓутоа, гледајќи во лицето на кое се одразувала љубов, таа додала: „Но и сега знам дека Бог ќе ти даде што и да побараш од Него". {КВ 529.5}

Исус ја охрабрил нејзината вера со зборовите: „Твојот брат ќе воскресне!" Неговиот одговор не бил насочен кон тоа да разбуди надеж дека веднаш ќе се случи некоја промена. Тој ги повел нејзините мисли преку сегашното воскресение на нејзиниот брат и ги насочил кон воскресението на праведните. Тој го направил тоа, за Марта да го сфати воскресението на Лазар како гаранција за воскресение на сите мртви праведници и како уверување дека тоа ќе се исполни со силата на Спасителот. {КВ 530.1}

Марта одговорила: „Знам дека ќе воскресне при воскресението во последниот ден". {КВ 530.2}

Сакајќи уште еднаш да ја насочи нејзината вера во добра насока, Исус рекол: „Јас сум воскресението и животот". Во Христа се наоѓа живот исконски, непозајмен, ненаследен. „Кој го има Синот, има живот". (1. Јованово 5:12) Христовото божество е уверување на верникот за вечен живот. Исус рекол: „Кој верува во Мене, и ако умре, ќе живее. И ниту еден што живее и верува во Мене, нема да умре довека. Веруваш ли во ова?" Овде Христос мисли на времето на Своето второ доаѓање. Тогаш мртвите праведници ќе воскреснат како нераспадливи, а живите праведници ќе се преобразат и вознесат на Небото, не вкусувајќи смрт. Чудото што Христос наскоро требало да го направи, воскреснувајќи го Лазара од мртвите, го претставува воскресението на сите мртви праведници. Со Своите зборови и дела Тој рекол дека е Творец на воскресението. Тој, Кој и самиот набргу ќе умре на крстот, ги држел клучевите на смртта, како победник на гробот и го потврдил Своето право и сила да даде вечен живот. {КВ 530.3}

На зборовите од Спасителот: „Веруваш ли?" Марта одговорила: „Да, Господе, јас верувам дека Ти си Христос, Син Божји, што треба да дојде на светот". Таа не го сфатила во целост значењето на Христовите зборови, но ја исповедала својата вера во Неговото божество и својата доверба дека Тој е во состојба да направи сè што ќе посака. {КВ 530.4}

„Кога го кажа тоа, таа отиде и ја повика својата сестра Марија тајно, велејќи: Учителот е дојден и те вика". Тоа и го соопштила колку што е можно потивко, бидејќи свештениците и поглаварите биле подготвени да го уапсат Исуса, кога ќе им се укаже можност за тоа. Плачот на оплакувачите спречил нејзините зборови да бидат слушнати. {КВ 530.5}

Откако ја слушнала веста, Марија бргу станала и со возбуден поглед на лицето ја напуштила собата. Оплакувачите тргнале по неа, мислејќи дека тргнала кон гробот за да плаче. Кога стигнала до местото каде што ја чекал Исус, таа клекнала при Неговите нозе и со треперлив глас рекла: „Господе, да беше Ти овде, мојот брат немаше да умре". Пискотите на оплакувачите тешко ги поднесувала, бидејќи таа копнеела мирно да проговори насамо неколку зборови со Исуса. Меѓутоа, знаела дека некои од присутните

негуваат завист и љубомора во своето срце кон Христа, па се воздржувала во потполност да му ја открие својата болка. {КВ 533.1}

„Исус пак, кога ја виде како плаче и како плачат Евреите што дојдоа со неа, Тој офнал во душата и бил вознемирен". Тој ги читал срцата на сите собрани. Видел дека многумина од нив се преправале дека се тажни. Знаел дека некои од тоа мноштво, кои сега лицемерно ја искажувале својата болка, наскоро ќе прават план за убиство не само на силниот Чудотворец, туку и на човекот кој требало да воскресне од мртвите. Христос можел да ја обелодени нивната лажна тага, но го задржал Својот праведен гнев. Зборовите што можел да ги изговори со полно право, не ги изговорил поради тие драги души, кои во својата болка клечеле покрај Неговите нозе и кои навистина верувале во Него. {КВ 533.2}

„Каде го положивте?" прашал. Тие му рекоа: Господе, дојди и види". Заедно тргнале кон гробот. Тоа била тажна глетка. Многу го сакале Лазара, а сестрите со скршени срца плачеле по него, додека оние кои му биле негови пријатели лееле солзи заедно со нив. Гледајќи ја таа сцена на човечка болка и знаејќи дека ожалостените пријатели тагуваат по покојникот додека покрај нив стои Спасителот на светот, „Исус заплака". Иако бил Божји Син, Тој зел на Себе човечка природа и ја чувствувал човечката тага. Неговото нежно, милостиво срце секогаш имало сочувство кон страдалниците. Тој плаче со оние кои плачат и се радува со оние кои се радуваат. {КВ 533.3}

Меѓутоа, Исус не плачел само од сочувство кон Марија и Марта. Во Неговите солзи постоела тага, која била толку возвишена над човечката тага, како што небото е повисоко од земјата. Христос не плачел поради Лазар, бидејќи се подготвувал да го воскресне од гробот. Плачел затоа што многумина од оние кои тагувале по Лазара, наскоро ќе ја планираат смртта на Оној, Кој е воскресение и живот. Меѓутоа, колку Евреите кои не верувале, погрешно ги толкувале Неговите солзи! Некои кои не гледале ништо друго како причина за Неговата болка освен надворешните околности околу Него, тивко рекле: „Гледај колку го љубел". Други, кои се труделе да уфрлат семе на неверие во срцата на присутните, со потсмев рекле: „Зар не можеше Овој, Кој му ги отвори очите на слепиот, да стори и овој да не умре?" Ако во Христова моќ било да го спаси Лазара, зошто Тој дозволил да умре? {КВ 533.4}

Со своето пророчко око Христос го видел непријателството на фарисеите и садукеите. Знаел дека тие ја подготвуваат Неговата смрт. Знаел дека некои од оние кои сега се преправале дека се наклонети, наскоро ќе ја затворат пред себе вратата на надежта и портите на Божјиот град. Се ближел еден настан Неговото понижување и распнување, кое ќе резултира со уништувањето на Ерусалим, и во тоа време никој нема да ги оплакува мртвите. Тој јасно ја согледал заслужената казна што ќе го снајде Ерусалим. Видел како римските легии го опколуваат Ерусалим. Знаел дека многумина кои сега го оплакуваат Лазар, ќе умираат при опсадата на градот и дека во нивната смрт нема да има никаква надеж. {КВ 534.1}

Христос не плачел само поради призорот што се наоѓал пред Него. Врз Него лежел товарот на вековната тага. Ги видел страшните последици на кршењето на Божјиот закон. Видел дека во историјата на светот, започнувајќи од смртта на Авел, борбата меѓу доброто и злото била постојана. Фрлајќи поглед кон иднината, видел дека судбината на човештвото ќе биде страдање и болка, солзи и смрт. Срцето му се кинело, кога ја гледал болката на човечкото семејство низ сите векови и сите земји. Неволјите на

грешниот човечки род тешко ја притискале Неговата душа. Тој копнеел да ги олесни нивните страдања и затоа му потекле солзи. {КВ 534.2}

„Исус повторно офнал во Себеси и дојде до гробот". Лазар бил погребан во една пештера во карпа, а пред влезот се наоѓал голем камен. „Тргнете го каменот," рекол Христос. Мислејќи дека Христос само сака да го види покојникот, Марта приговорила велејќи дека телото е погребано веќе четири дена и дека веќе почнало да се распаѓа. Овие зборови, изговорени пред Лазар да воскресне, не им оставале никаква можност на Христовите непријатели да тврдат дека тоа била измама. Порано фарисеите ширеле лаги за најчудесните знаци на Божјата сила. Кога ја вратил во живот ќерката на Јаир, Христос рекол: „Девојчето не е умрено, туку спие". (Марко 5:39) Бидејќи девојчето било Болно само кратко време и воскреснало веднаш по смртта, фарисеите зборувале дека тоа всушност и не било мртво и дека и самиот Христос зборувал дека тоа заспало. Тие се труделе да прикажат дека Христос не може да ја излекува болеста и дека Неговите чуда се нечесна игра. Меѓутоа, во овој случај никој не можел да оспори дека Лазар навистина бил мртов. {КВ 534.3}

Кога Господ има намера да направи некое дело, сатаната влијае на некои да приговараат. Христос рекол: „Тргнете го каменот". Подгответе го колку што е можно патот за Моето дело. Меѓутоа, тука се манифестирала решителната и амбициозна природа на Марта. Таа не сакала други да го видат телото кое се распаѓа. Човечкото срце бавно ги сфаќа Христовите зборови, а верата на Марта не го сфатиле вистинското значење на Неговото ветување. {КВ 535.1}

Христос ја укорил Марта, но Неговите зборови биле изговорени со најголема благост. „Нели ти реков дека ако веруваш ќе ја видиш Божјата слава?" Зошто да се сомневаш во Мојата моќ? Зошто резонираш во спротивност со Моите барања? Го имате Мојот збор. Ако верувате, ќе ја видите Божјата слава. Она што по природен пат е невозможно, не може да го спречи делото на Семоќниот. Скептицизмот и неверието не претставуваат понизност. Безусловната вера во Христовата Реч претставува вистинска понизност, вистинско самопредавање. {КВ 535.2}

„Поместете го каменот". Христос можел да му заповеда на каменот да се отстрани и тој би се покорил на Неговиот глас. Можел да им нареди на ангелите кои се наоѓале покрај Него тие да го направат тоа. На Негова наредба невидливи раце би го тргнале каменот. Меѓутоа, требало да биде отстранет од човечки раце. Со тоа Христос сакал да им покаже на луѓето дека треба да соработуваат со божеството. Божествената сила не е повикана да го направи она што може да го направи човечката сила. Бог не ја отфрла човечката помош. Тој му дава сила на човекот, соработува со него, кога човекот ги користи силите и способностите што му се дадени. {КВ 535.3}

Заповедта била извршена. Каменот бил отстранет. Сè било направено јавно и со цел. Секому му била дадена можност да се увери дека не станува збор за никаква измама. Во гробот во пештерата лежело телото на Лазар, студено, немо и мртво. Тажењето на оплакувачите запрело. Изненадено и во исчекување, мноштвото стоело околу гробницата, чекајќи да види што ќе се случи. {КВ 535.4}

Христос мирно стоел покрај влезот. Завладеала света сериозност. Доближувајќи се до гробот и подигајќи ги Своите очи кон небото, Тој рекол: „Татко, ти благодарам што Ме услиши". Малку пред тоа, Неговите непријатели го обвинувале за богохулство и сакале да Го каменуваат, бидејќи тврдел дека е Божји Син. Го обвинувале дека прави чуда со помош на силата на сатаната. Меѓутоа, тука Христос повторно тврди дека Бог е Негов Татко и со целосна доверба објавува дека Тој е Божји Син. {КВ 535.5}

Во сѐ што правел, Христос соработувал со Својот Татко. Секогаш се трудел да покаже дека не постапува независно од Бога. Своите чуда ги правел преку вера и молитва. Христос сакал сите да знаат каков е Неговиот однос со Неговиот Татко. „Татко,“ рекол Тој, „ти благодарам што Ме услиши. Јас знаев дека Ти секогаш Ме услишуваш, но ова го реков заради народот што е присутен овде, за да поверуваат дека Ти си Ме пратил”. Со тоа на учениците им бил даден најубедлив доказ за односот што постои помеѓу Христа и Бога. Со тоа им било покажано дека Христовото тврдење не е измама. {КВ 536.1}

„Кажувајќи го тоа, викна со силен глас: ‘Лазаре, излези надвор’”. Неговиот глас, јасен и продорен, продрел до ушите на умрениот. Додека зборувал, божеството блеснало низ човечкото. На Неговото лице, осветлено од Божјата слава, народот видел уверување за Неговата сила. Секое око било насочено кон влезот на пештерата. Секое уво го наслушнувало и најмалиот шум. Со силен и грижлив интерес сите очекувале доказ за Христовото божество, доказ кој ќе го поткрепи Неговото тврдење дека е Божји Син или засекогаш ќе ја изгасне надежта во тоа. {КВ 536.2}

Одеднаш, во тивкиот гроб нешто се поместило и на влезот од гробницата се појавил оној кој бил мртов. Мртовечкиот повој со кој бил положен во гробот му ги попречувал неговите движења и Христос им рекол на вчудовидените гледачи: „Одвиткајте го и пуштете го да оди”. Повторно им било покажано дека човекот треба да соработува со Бога. Човекот треба да работи за човек. Го одврзале Лазара и тој стоел пред мноштвото, не како човек исцрпен од болеста, со слаби, тетерави екстремитети, туку како човек во најдобри години од животот и во силата на благородната мажественост. Од неговите очи блескал разум и љубов кон Спасителот. Во чин на обожавање, тој се фрлил пред Исусовите нозе. {КВ 536.3}

Присутните за момент биле без зборови и вчудовидени, а потоа настапила сцена на неискажлива радост и благодарност. Сестрите го примиле својот брат како Божји дар и со солзи радосници ја изразувале својата благодарност кон Спасителот. Додека братот, сестрите и пријателите се радувале на ова повторно соединување, Исус се повлекол од сцената. Кога го побарале Животодавецот, не можеле да Го најдат. {КВ 536.4}

59. ЗАГОВОР НА СВЕШТЕНИЦИТЕ

Оваа поглавје е засновано на Јован 11:47-54.

Витанија била толку близу до Ерусалим, што во тој град набргу се расчуло како Лазар воскреснал од мртвите. Преку шпионите кои присуствувале на чудото, еврејските поглавари бргу биле известени за фактите. Веднаш бил повикан Советот за да се одлучи што треба да се направи. Христос во целост ја покажал Својата власт над смртта и гробот. Тоа силно чудо било најголем доказ што Бог им го дал на луѓето за тоа дека го испратил Својот Син на светот заради нивно спасение. Тоа бил знак на божествената сила, доволен да го увери секој ум кој бил под контрола на разумот и просветлената совест. Многумина кои присуствувале на Лазаровото воскресение почнале да веруваат во Исуса. Но тоа уште повеќе ја зголемило омразата на свештениците. Тие ги отфрлиле сите помали докази за Неговото божество и ова ново чудо само уште повеќе ги разгневило. Мртовецот воскреснал сред бел ден и пред мноштво очевидци. Таков

доказ не можел да се оспори со лукавство. Токму од таа причина непријателството на свештениците станало уште поогорчено. Тие повеќе од кога и да е, одлучиле да сторат крај на Христовото дело. {КВ 537.1}

Иако не биле наклонети кон Христа, садукеите не биле толку полни со злоба кон Него како фарисеите. Нивната омраза не била толку огорчена. Меѓутоа, сега биле мошне вознемирени. Тие не верувале во воскресение на мртвите. Потпирајќи се на таканаречената наука, тие резонирале дека е невозможно мртвото тело да оживее. Меѓутоа, биле доволни неколку Христови зборови да биде соборена нивната теорија. Се покажало дека тие не го познаваат Светото Писмо, ниту Божјата сила. Тие не виделе никаква можност да го избришат впечатокот што чудото го оставило кај народот. Како може луѓето да бидат одвратени од Оној, Кој успеал на гробот да му го оттргне неговиот мртовец? Ширеле разни гласини, но чудото не можеле да го негираат и не знаеле како да дејствуваат против влијанието на истото. До тоа време садукеите не го поддржувале планот за убиството на Христа. Но, по Лазаровото воскреснување тие дошле до заклучок дека само Неговата смрт може да стави крај на обвиненијата што Тој без страв ги изнесувал против нив. {КВ 537.2}

Фарисеите верувале во воскресението и тие не можеле, а да не увидат дека тоа чудо е доказ дека Месијата се наоѓа меѓу нив. Но тие отсекогаш биле противници на Христовото дело. Го мразеле од почетокот, бидејќи Тој ги открил нивните лицемерни претензии. Тој ја разоткрил завесата на строгите обреди зад која се криела нивната морална расипаност. Чистата вера што Тој ја проповедал ја осудувала нивната формална побожност. И поради тие директни укори, тие биле жедни за одмазда. Настојувале да Го предизвикаат да каже или да направи нешто што ќе им послужи како можност за да Го осудат. Неколку пати се обиделе да Го каменуваат, но Тој мирно се повлекувал и тие Го губеле од вид. {КВ 538.1}

Чудата што ги извршил во сабота биле за олеснување на оние во неволја, но фарисеите настојувале да Го обвинат за престап на саботата. Настојувале да ги поттикнат Иродовците против Него. Тврделе дека Тој се обидува да основа противничко царство и се договарале со Иродовците за тоа како да Го убијат. За да ги поттикнат Римјаните против Него, велеле дека Тој сака да ја собори нивната власт. Се обидувале под секој изговор да го прекинат Неговото влијание на народот. Но до тој момент, нивните обиди биле безуспешни. Мноштвото народ што ги гледало Неговите дела на милосрдие и ги слушало Неговите чисти и свети поуки знаело дека тоа не биле дела и зборови на некој што ја крши саботата или хули на Бога. Неговите зборови оставале силен впечаток дури и на оние што ги испраќале фарисеите, така што тие не можеле да положат раце врз Него. Во очај, Евреите конечно издале наредба да се исклучи од синагогата секој што исповеда вера во Исуса. {КВ 538.2}

И така, кога свештениците, поглаварите и старешините се состанале да се посоветуваат, било цврсто одлучено да се замолчи Оној, Кој извршил толку чудесни дела на кои сите луѓе се восхитувале. Фарисеите и садукеите биле повеќе обединети, речиси, како никогаш порано. Дотогаш поделени, тие се соединиле во нивното спротивставување на Христа. Никодим и Јосиф, во поранешните советувањата спречиле Исус да биде осуден, па поради тоа овој пат не биле повикани. На советувањето присуствувале други влијателни луѓе кои верувале во Исуса, но нивното влијание било немоќно да се спротивстави на злобните фарисеи. {КВ 538.3}

Сепак членовите на овој совет не биле целосно сложни. Синедрионот (големиот совет) во тоа време не бил некое законско собрание. Постоел само поради тоа што го

толерирале. Некои негови членови поставувале прашања дали е мудро да се усмрти Христос. Се плашеле тоа да не предизвика некоја буна кај народот, па Римјаните да ја укинат поддршката на свештениците и да им ја одземат онаа мала власт која сè уште ја имале. Садукеите биле единствени во својата омраза кон Христа, но сакале да бидат внимателни во своите постапки, плашејќи се Римјаните да не им ја одземат нивната висока положба. {КВ 539.1}

На тој собир кој се состанал за да ја планира Христовата смрт бил присутен Сведок, кој ги слушнал зборовите на фалење на Навуходоносор, кој присуствувал на идолопоклоничката гозба на Валтазар и кој бил присутен, кога Христос во Назарет се објавил Себеси за Помазаник. Тој Сведок сега ги импресионирал поглаварите со делото што тие го вршеле. Пред нивните очи се прикажувал Христовиот живот и тоа толку јасно, што ги вознемирувал. Се сетиле на сцената во храмот, кога Исус како дванаесетгодишно дете стоел пред учените толкувачи на законот и им поставувал прашања на кои тие се чуделе. А чудото што сега го направил сведочело дека Исус не е никој друг освен Синот Божји. Во нивните мисли како молња заблескала вистинската смисла на пророштвата на Стариот завет за Христа. Збунети и вознемирени, поглаварите се прашувале: „Што ќе правиме?“ Во Советот постоела поделеност. Под дејство на Светиот Дух, свештениците и поглаварите не можеле да се ослободат од впечатокот дека се борат против Бога. {КВ 539.2}

Кога конфузијата на собирот достигнала кулминација, станал свештеничкиот поглавар Кајафа. Кајафа бил горд и суров човек, премногу насилен и нетолерантен. Тој имал семејни врски со садукеите кои биле горди, дрски, безобѕирни, амбициозни и сурови, но тоа го криеле под превезот на наводната праведност. Кајафа ги проучувал пророштвата и иако не ги сфаќал нивните вистински значења, зборувал со голем авторитет и сигурност: „Вие ништо не знаете ниту помислувате дека е подобро за нас еден човек да умре за народот, отколку целиот народ да пропадне”. Дури и ако Исус е невин, тврдел првосвештеникот, Тој мора да се отстрани од патот. Тој создавал неволји, го привлекувал народот кон Себе и го намалувал авторитетот на поглаварите. Тој бил само еден и било подобро да умре Тој, отколку да ослабне авторитетот на поглаварите. Ако народот ја изгуби довербата во своите поглавари, ќе биде уништена националната моќ. Кајафа тврдел дека по ова чудо Исусовите следбеници веројатно ќе подигнат бунт. „Така Римјаните,“ рекол тој, „ќе дојдат и ќе го затворат нашиот храм, ќе ги укинат нашите закони и ќе не уништат како нација”. Што вреди животот на Тој Галилеец во споредба со животот на нацијата? Ако Тој го попречува патот на благосостојбата на Израел, зар нема да му се стори услуга на Бога доколку Тој се отстрани? Подобро да умре еден човек, отколку да биде уништена цела нација. {КВ 539.3}

Велејќи дека еден човек треба да умре за народот, Кајафа покажал извесно познавање на пророштвата, иако тоа било ограничено. Опишувајќи го тој настан, Јован се посветил само на пророштвото и укажал на неговата широка и длабока смисла. „И не само за таа нација, туку и за да ги собере во едно расеаните Божји деца,“ велел тој. Колку несвесно горделивиот Кајафа ја признал Спасителовата мисија! {КВ 540.1}

На Кајафовите усни таа драгоцена вистина се претворила во лага. Политиката што тој ја застапувал се засновала на начелото земено од незнабошците. Свеста на незнабошците за тоа дека некој треба да умре за човечкиот род довела до принесување луѓе како жртва. Поради тоа, Кајафа предложил со помош на жртвувањето на Исус да се спаси народот, но не да се спаси од грев, туку во грев, па така и понатаму да продолжи во гревот. Со тој аргумент настојувал да ги замолчи приговорите на оние што

би се осмелиле да кажат дека Исус дотогаш не направил ништо што би заслужило смрт. {КВ 540.2}

На овој совет Исусовите непријатели биле длабоко уверени. Светиот Дух ги импресионирал нивните умови. Меѓутоа, сатаната се трудел да ги потчини кон себе. Тој им укажувал на незгодите што ги имале поради Христа, на тоа како Тој малку ја ценел нивната праведност. Исус презентирал многу поголема праведност, каква што мораат да имаат сите оние што сакаат да бидат Божји деца. Не обрнувајќи внимание на нивната форми и обреди, Тој ги поттикнувал грешниците директно да Му се обраќаат на Бога како на милосрден Татко и да Му ги изнесуваат своите потреби. Според нивното мислење, Тој со тоа го отфрлил свештенството. Тој одбил да ја признае теологијата на рабинските школи. Тој ги изложил лошите дела на свештениците и им нанел ненадоместлива штета на нивното влијание. Го намалил значењето на нивните прописи и традиции, тврдејќи дека и покрај тоа што строго ги спроведувале обредните прописи го омаловажиле Божјиот закон. Сето тоа сатаната го изнел на нивните умови. {КВ 540.3}

Сатаната им рекол дека мораат да Го убијат Исуса за да го сочуваат својот авторитет. Тие го прифатиле тој совет. Можноста да ја изгубат власта што ја имале, според нивно мислење била доволна причина да донесат одлука. Со исклучок на неколкумина кои не се осмелувале да го изнесат своето мислење, Синедрионот ги примил зборовите на Кајафа како Божји зборови. Советот почувствувал олеснување исчезнала неслогата. Одлучиле да Го убијат Христа, кога ќе им се укаже првата поволна прилика. Отфрлајќи го доказот за Исусовото божество, свештениците и поглаварите се затвориле себеси во непробивна темнина. Тие целосно потпаднале под власт на сатаната, кој ќе ги турне од работ на провалијата во вечна пропаст. Но Сепак нивната измама била толку голема, што тие биле доста задоволни со себе. Се сметале себеси за патриоти кои го спасуваат народот. {КВ 541.1}

Меѓутоа, Синедрионот се плашел да преземе непретпазливи мерки против Исуса, за народот да не се разлути и злото што го подготвувале за Него да не се урне врз нив самите. Од таа причина Советот го одложил извршувањето на пресудата што ја донел. Спасителот знаел за заговорот на свештениците. Знаел дека тие копнеат да го отстранат и дека нивната намера наскоро ќе биде извршена. Меѓутоа, Негова должност не била да ја забрза кризата, па затоа со Своите ученици се повлекол од таа област. Така, со сопствен пример Исус повторно го истакнал упатството што им го дал на учениците: „Кога ќе ве гонат од еден град, бегајте во друг". (Матеј 10:23) Постоело широко поле за делото на спасување на душите и Господовите слуги не смеат да го изложуваат својот живот на опасност, освен ако тоа не го бара преданоста кон Него. {КВ 541.2}

Во тоа време Исус веќе три години јавно работел за светот. Пред нив бил Неговиот пример на самооткажување и несебична добрина. На сите им бил познат Неговиот живот исполнет со чистота, страдање и предаденост. Сепак, тој краток временски период од три години бил најдолг период во кој светот можел да го поднесе присуството на својот Спасител. {КВ 541.3}

Неговиот живот бил исполнет со прогонства и навреди. Протеран од Витлеем од страна на еден љубоморен цар, отфрлен од страна на Своите сограѓани во Назарет, неправедно осуден на смрт во Ерусалим, Исус, со неколку Свои верни следбеници нашол привремено засолниште во еден туѓ град. Оној што секогаш бил трогнат од човечките неволји, Кој ги исцелувал болните, им враќал вид на слепите, слух на глувите и говор на немите, Кој ги хранел гладните и ги тешел несреќните, бил прогонет од народот за чие спасение се залагал. Оној што одел по бурните бранови и со еден збор

го смирил нивното бесно завивање, Кој ги истерувал ѓаволите, наведувајќи ги да го признаат како Божји Син, Кој го разбудил мртвиот од сонот на смртта, Кој илјадници ги држел како маѓепсани со Своите зборови на мудрост, не бил во состојба да допре до срцата на оние кои биле заслепени од предрасудите и омразата и кои упорно ја отфрлале Светлината. {КВ 541.4}

60. ЗАКОН НА НОВОТО ЦАРСТВО

Оваа поглавје е засновано на Матеј 20:20-28; Марко 10:32-45; Лука 18:31-34.

Се приближувало времето на Пасха и Исус повторно се упатил кон Ерусалим. Во Неговото срце владеело мир поради совршеното единство со Татковата волја и Тој со брзи чекори одел кон местото на жртвувањето. Меѓутоа, учениците ги обземало некое чувство на таинственост, на сомнеж и страв. Спасителот „одеше пред нив; и тие беа вчудовидени, па врвејќи по Него се плашеа". {КВ 547.1}

Повторно ги повикал дванаесетминатa кај Себе и со поголема спецификчност од кога и да е, им кажал за Своето предавство и страдање. „Еве," рекол, „одиме горе во Ерусалим, каде што ќе се исполни сè што напишале пророците за Синот човечки. Тој ќе биде предаден на незнабошците и ќе Му се подбиваат, ќе Го малтретираат и плукаат; и ќе Го камшикуваат и ќе Го убијат. Но Тој ќе воскресне на третиот ден. Тие не разбраа ништо од тоа, зашто тие зборови беа сокриени од нив и не го разбраа она што им беше кажано". {КВ 547.2}

Зар тие неодамна не проповедале насекаде: „Се приближи царството небесно?" Зар не ветил и самиот Христос дека мнозина ќе седнат со Авраама, со Исака и со Јакова во Божјото царство? Зар не им ветил на сите оние што ќе остават сè заради Него стократно повеќе во овој живот и дел во Своето царство? И зар Тој не им дал на дванаесетминатa посебно ветување за положби на голема чест во Своето царство да седат на престоли, судејќи им на Израелевите племиња? И сега нагласил дека ќе се исполни сè што е напишано за Него во пророците. Зар пророците не ја претскажале славата на владеењето на Месијата? Во светлината на овие мисли, Неговите зборови за предавство, прогонство и смрт изгледале неодредени и замаглени. Без оглед на тоа какви тешкотии ќе се случат во меѓувреме, тие верувале дека царството брзо ќе се воспостави. {КВ 547.3}

Јован, Зеведеевиот син, бил еден од првите двајца ученици кои тргнале по Исуса. Тој со својот брат Јаков и припаѓал на онаа прва група која оставила сè заради Неговата служба. Радосно тие ги оставиле својот дом и своите пријатели за да бидат со Него; тие со Него патувале и разговарале; со Него биле во приватноста на домашниот живот и на јавните собири. Тој ги смирувал нивните стравови, ги ослободувал од опасност, им ги олеснувал страдањата, ги тешел во тагата и ги поучувал со трпение и нежност, додека срцата не им прирасnале за Него до таа мера, што во својата огнена љубов посакале да бидат најблиску до Него во Неговото царство. Во секоја прилика Јован заземал место најблизу до Спасителот, а Јаков копнеел по тоа да биде почестен со исто толку Близок однос со Него. {КВ 548.1}

Нивната мајка била Христов следбеник и доброволно му служела Нему со својот имот. Со мајчинска љубов и амбициозност за своите синови, за нив посакувала

најпочесни места во новото царство. Затоа ги поттикнувала да го постават своето барање. {КВ 548.2}

Мајката и синовите дошле заедно кај Исуса со молба да исполни едно нивно барање кое многу им значело. {КВ 548.3}

„Што сакате да ви сторам?“ прашал Тој. {КВ 548.4}

Мајката одговорила: „Заповедај овие мои два сина да седнат во Твоето царство едниот десно, а другиот лево од Тебе”. {КВ 548.5}

Исус постапувал нежно кон нив, не укорувајќи ги поради нивната себичност што побарале да бидат над своите браќа. Ги прочитал нивните срца и знаел колку е длабока нивната приврзаност кон Него. Нивната љубов не била само едно човечко чувство; иако осквернета од земноста на човечкиот канал, таа Сепак извирала од изворот на Неговата сопствена откупувачка љубов. Тој не сакал да укори, туку да продлабочи и очисти. Тој рекол: „Можете ли да ја пиете чашата што ќе ја пијам Јас и да се крстите со крштевањето со кое ќе се крстам Јас?“ Се сетиле на Неговите загадочни зборови кои навестувале неволји и страдање, но самоуверено одговориле: „Можеме”. Сметале дека е најголема чест што можат да ја докажат својата лојалност, учествувајќи во сè што треба да му се случи на нивниот Господ. {КВ 548.6}

„Мојата чаша навистина ќе ја пиете и ќе бидете крстени со крштевањето со кое ќе се крстам Јас,“ рекол Тој; пред Него бил крст наместо престол, двајца разбојници, како придружници од Неговата десна и лева страна. Јован и Јаков требало да учествуваат во страдањата на својот Учител; првиот брат загинал од меч, а другиот, најдолго од сите морал да поднесува маки, прекори и прогонство. {КВ 548.7}

„Но да се седи од Мојата десна или лева страна,“ продолжил Тој „не е во Моја власт да го давам, туку ќе им припадне на оние за кои е одредено од Мојот Татко”. Во Божјото царство положбата не се стекнува со фаворизирање. Таа не се заработува, ниту се прима по пат на самоволно дарување. Таа е последица на карактерот. Круната и престолот се знаци на една постигната состојба; знаци на победа над себеси преку нашиот Господ Исус Христос. {КВ 549.1}

Многу подоцна, кога Јован дошол до сличност со Христа, учествувајќи во Неговите страдања, Господ му открил кои се условите да биде близу до Него во Неговото царство. „На оној што победува,“ рекол Христос, „ќе му дадам да седне со Мене на Мојот престол, како и Јас што победив и седнав со Мојот Татко на Неговиот престол”. „Оној што победува ќе го направам столб во храмот на Мојот Бог и веќе нема да излегува надвор и на него ќе го напишам името на Мојот Бог... и Моето ново име”. (Откровение 3:21,12) Исто така, апостол Павле пишува: „Јас веќе се жртвувам и времето на моето одење е близу. Добро се борев, трката ја свршив, верата ја сочував. Веќе ми е приготвен венецот на праведноста што ќе ми го даде во оној ден Господ, праведниот Судија”. (2. Тимотеј 4:6-8) {КВ 549.2}

Најблизу до Христа ќе биде оној што на Земјата најмногу ќе се напои со духот на Неговата самопожртвувана љубов, љубов која „не се фали, не се вообразува... не го бара своето, не се лути лесно, не мисли зло”. (1. Коринтјаните 13:4,5); од љубовта која ги поттикнува учениците, како што го поттикнала нашиот Господ да даде сè, да живее и да работи и да се жртвува сè до смрт, заради спасение на човештвото. Тој дух се манифестирал во животот на Павле. Тој вели: „За мене да се живее е Христос,“ бидејќи неговиот живот им го открил на луѓето Христа; „а смртта добивка“ добивка за Христа; смртта ја покажува силата на Неговата благодат и ги привлекува душите кај Него.

„Христос ќе се возвеличи во моето тело,“ рекол тој, „било преку животот било преку смртта”. (Филипјаните 1:21,20) {КВ 549.3}

Кога десетминатa слушнале што бараат Јаков и Јован, биле многу незадоволни. Највисоко место во царството било токму она што секој од нив го посакувал за себе, па тие биле многу лути што изгледало дека тие двајца имаат некоја предност над нив. {КВ 549.4}

Изгледало дека повторно ќе дојде до расправија околу тоа кој ќе биде најголем, кога Исус ги повикал кај Себе и им рекол на разлутените ученици: „Знаете дека владетелите над народите владеат над нив и нивните големци господарат над нив. Но меѓу вас да не биде така”. {КВ 550.1}

Во царствата на овој свет положбата е израз на самовозвишување. Се сметало дека народот постои во полза на владејачките сталежи. Угледот, богатството, образованието сето тоа биле средства со чија помош водачите стекнувале власт над мноштвото. Повисоките сталежи требало да мислат, да одлучуваат, да уживаат и да владеат пониските сталежи само да ги слушаат и да им служат. Религијата, како и сè останато, било само уште еден предмет на власта. Народот требало да верува и да ја исповеда верата онака како што заповедале претпоставените. Правото на човекот сам да размислува и да работи било потполно непризнато. {КВ 550.2}

Христос воспоставувал царство што се заснова на поинакви начела. Тој не ги повикувал луѓето за да владеат, туку за да служат; оние кои се силни да ги носат слабостите на послабите. Оној што има власт, положба, способност или образование, тој има уште поголема обврска да им служи на своите ближни. Дури и за најниските Христови ученици е кажано: „Сè е ова заради вас“ (2. Коринтјаните 4:15) {КВ 550.3}

„Синот човечки не дојде да му служат, туку да служи и да го даде Својот живот како откуп за многумина”. Меѓу Своите ученици Христос бил Тој што се грижел и помагал. Тој ја делел нивната сиромаштија, Тој практикувал самооткажување заради нив, одел пред нив за да ги отстранува тешкотиите, а наскоро требало да го заврши Своето дело на Земјата, положувајќи го Својот живот. Членовите на црквата, која е Негово тело, треба да се раководат според начелата по кои Христос постапувал. Љубовта претставува план и темел на спасението. Во Христовото царство најголеми се оние што се угледуваат на Неговиот пример и кои постапуваат како пастири на Неговото стадо. {КВ 550.4}

Зборовите на Павле го откриваат вистинското достоинство и честа на христијанскиот живот: „Иако сум слободен од сите, на сите им станав слуга,“ „не барајќи своја лична корист, туку корист за мнозина, за тие да бидат спасени”. (1. Коринтјаните 9:19; 10:33) {КВ 550.5}

Во прашањата на совеста душата не треба да биде ограничена. Никој не смее да владее со туѓ разум, да расудува за друг, ниту на друг да му пропишува должност. Бог на секоја душа и дава слобода да размислува и да се придржува до сопственото убедување. „Секој од нас ќе му даде сметка на Бога сам за себе”. Никој нема право својата личност да ја интегрира со личноста на некој друг. Во сите прашања во кои е вклучено начело, „секој нека биде целосно уверен во својот ум”. (Римјаните 14:12,5) Во Христовото царство нема господарско угнетување, нема присилување. Небесните ангели не доаѓаат на Земјата за да владеат и да изнудуваат поклонение, туку доаѓаат како гласници на милоста, да соработуваат со луѓето во подигање на човештвото. {КВ 550.6}

Начелата и зборовите на Спасителовото учење, со својата божествена убавина биле всадени во сеќавањето на возљубениот ученик. До неговите последни денови бремето

на Јовановото сведоштво до црквите гласело: „Ова е пораката што ја чувте од почетокот: Да се љубиме еден со друг”. „По тоа ја познавме Божјата љубов, зашто Тој го положи Својот живот за нас; и ние сме должни да ги положуваме своите животи за браќата”. (1. Јованово 3:11,16) {КВ 551.1}

Со таков дух била проникната првата црква. По излевањето на Светиот Дух „мноштвата на оние кои веруваа имаа едно срце и една душа и никој не зборуваше дека нешто од неговиот имот е негово”. „Никој меѓу нив не беше во скудност”. „Апостолите со голема сила сведочеа за воскресението на Господа Исуса и изобилна благодат беше над сите нив”. (Дела 4:32,34,33) {КВ 551.2}

61. ЗАКХЕЈ

Оваа поглавје е засновано на Лука 19:1-10.

На пат за Ерусалим, Исус „влезе во Ерихон и минуваше низ него”. На неколку километри од Јордан, на западниот крај на долината што овде се проширувала во низина, лежел градот среде тропско зеленило и раскошна убавина. Со своите палми и раскошни градини што ги залевале живи извори, градот блескал како смарагд опкружен со варовнички ридови и пусти клисури кои се наоѓале помеѓу Ерусалим и градот во низината. {КВ 552.1}

Многу каравани на нивниот пат за празникот минувале низ Ерихон. Нивното пристигање секогаш создавало празнично расположение, но сега кај народот се разбудил подлабок интерес. Се дознало дека меѓу мноштвото се наоѓа галилејскиот Учител, Кој неодамна го воскреснал Лазара и иако кружеле многубројни гласини за заговорите на свештениците, народот бил желен да му оддаде почит. {КВ 552.2}

Ерихон бил еден од градовите кои во старо време биле одвоени за свештениците и во тоа време во него живееле многу свештеници. Меѓутоа, градот исто така имал разновидно население. Тој бил голем сообраќаен центар во кој се наоѓале римските службеници и војници, како и странци од разни земји, додека наплатата на царина го направил дом на многу цариници. {КВ 552.3}

„Началникот на цариниците,“ Закхеј, бил Евреин, од кого се гнаселе неговите сонародници. Неговата положба и богатство биле награда за повикот што тие го презирале и го сметале за симбол на неправдата и изнудувањето. Сепак, богатиот царински службеник ни најмалку не бил целосно закоравен светски човек како што изгледал. Под изгледот на световност и гордост се наоѓало срце осетливо на божествените влијанија. Закхеј слушнал за Исуса. Гласовите за Оној, Кој бил љубезен и учтив кон презрените сталежи се раширile на сите страни. Кај овој началник на цариниците се разбудил копнеж за подобар живот. Само на неколку километри од Ерихон, Јован Крстителот проповедал на Јордан и Закхеј го слушнал повикот за покајание. Упатството дадено на цариниците „не барајте повеќе од она што ви е одредено“ (Лука 3:13), на неговиот ум оставило впечаток, иако тоа не било забележано. Тој го познавал Светото Писмо и бил уверен дека неговиот живот не е праведен. Сега, слушајќи ги зборовите за кои било кажано дека доаѓаат од големиот Учител, тој се чувствувал како грешник во Божјите очи. Сепак, тоа што го слушнал за Исуса разбудило надеж во неговото срце. Покајанието и реформацијата во животот биле достапни дури и за него. Зар еден од учениците на овој нов Учител, во кого Тој имал најмногу доверба

не бил цариник? Закхеј веднаш почнал да се придружува кон своето ново уверување и да им надоместува на оние кои ги оштетил. {КВ 552.4}

Веќе почнал да ги исправа своите минати чекори, кога низ Ерихон се разнел глас дека Исус влегувал во градот. Закхеј бил одлучен да Го види. Почнал да увидува колку се горчливи плодовите на гревот и колку е тежок патот на оној што се обидува да се врати од погрешен начин на живеење. Да се биде погрешно разбран, да се биде дочекан со сомнеж и со недоверба кога настојувал да ги исправи своите грешки, било тешко за поднесување. Началникот на цариниците со сето срце копнеел да го погледне во лице Оној чии зборови разбудиле надеж во неговото срце. {КВ 553.1}

Улиците биле преполни и Закхеј, кој бил мал по раст, од главите на луѓето не можел да види ништо. Никој не сакал да го пропушти. Затоа богатиот цариник потрчал малку понапред пред народот, до местото на кое имало широко разгранета смоква и се искачил и седнал меѓу гранките, а од таму можел да ја набљудува поворката што поминувала подолу. Мноштвото се приближувало поминувајќи по патот и Закхеј со жеден поглед ја барал онаа појава што сакал да ја види. {КВ 553.2}

Покрај сета викотница на свештениците и рабините и извиците на добредојде од страна на народот, неискажаната желба на старешината на цариниците се пробила до Исусовото срце. Одеднаш, токму под смоквата застанала една група; застанале и оние што се движеле и однапред и одзади. Еден човек го подигнал погледот горе и тој поглед изгледал како да ја чита душата. Речиси не верувајќи им на сетилата, човекот што седел на дрвото ги слушнал зборовите: „Закхеј слези бргу, затоа што денеска треба да бидам во твојот дом”. {КВ 553.3}

Мноштвото му направило пат на Закхеј, кој одејќи како во сон, го предводел Спасителот кон својот дом. Меѓутоа, рабините го набљудувале тоа со намуртени пица и мрмореле во незадоволство и презир, бидејќи „отиде да биде гостин во куќа на еден грешник”. {КВ 554.1}

Закхеј бил длабоко восхитен, зачуден и занемен затоа што Христос со Својата љубов се понизил и се спуштил до него толку недостојниот. Сега љубовта и лојалноста кон новопронајдениот Учител ги отвориле неговите усни. Тој решил да го изрази јавно своето признавање на гревот и своето покајание. {КВ 554.2}

Во присуство на мноштвото, „Закхеј застана и му рече на Господа: ‘Господе, еве половината од мојот имот ќе им го дадам на сиромасите, и ако сум зел од некого нешто несправедливо, ќе му го вратам четирикратно’. {КВ 555.1}

А Исус му рече: ‘Денес дојде спасението на оваа куќа, зашто и тој е син Авраамов’.“ {КВ 555.2}

Кога младиот богат поглавар се оддалечил од Исуса, учениците се чуделе на зборовите на својот Учител велејќи: „Колку им е тешко на оние што се потпираат на своето богатство да влезат во Божјото царство!“ Тие изненадено извикале еден на друг: „Тогаш кој може да се спаси?“ Сега виделе демонстрација на вистината на Христовите зборови: „Што им е невозможно на луѓето, возможно му е на Бога”. (Марко 10:24,26; Лука 18:27) Виделе како благодарение на Божјата благодат и богатиот може да влезе во Божјото царство. {КВ 555.3}

Уште пред да го здогледа Исусовото лице, Закхеј го започнал делото со кое покажал дека вистински се покајал. Тој ги признал своите гревови уште пред луѓето да го обвинат. Се потчинил на осведочувањето на Светиот Дух и почнал да го спроведува учењето напишано за стариот Израел, како и за нас самите. Господ одамна пред тоа рекол: „Ако осиромаши твојот брат и ако изнемогне при тебе, поткрепи го исто така

како да е твој странец или гостин, та нека живее при тебе. Не земај од него ни лихва ни печалба, туку бој се од својот Бог и твојот брат нека живее со тебе. Немој да му позајмуваш пари со камата, ниту за печалба да му даваш храна". „Никој од вас нека не му нанесува штета на својот сонародник, туку бој се од својот Бог". (Левит 25:35-37,17) Тие зборови ги изговорил самиот Исус, кога бил обвиен во столб од облак, а првиот Закхеев одѕив на Христовата љубов се состоел токму во тоа што покажал сожалување кон сиромашните и оние кои страдале. {КВ 555.4}

Меѓу цариниците постоел сојуз, така што можеле да ги угнетуваат луѓето и да се поддржуваат еден со друг во своите измамнички практики. Меѓутоа, тие со својата изнуда, го правеле само она што станало речиси општа пракса. Дури и свештениците и рабините, кои ги презирале цариниците, се богателе на нечесен начин, прикривајќи се зад својот свет повик. Меѓутоа, кога Закхеј се покорил на влијанието на Светиот Дух, веднаш ја отфрлил секоја пракса спротивна на чесноста. {КВ 555.5}

Ниту едно покајание не е вистинско доколку не е проследено со реформа. Христовата праведност не е наметка за покривање на неисповеданите и неоставените гревови, туку едно животно начело што го преобразува карактерот и управува со однесувањето. Светоста значи целосна припадност на Бога, целосно предавање на срцето и животот на небесните начела кои треба да живеат во душата. {КВ 555.6}

Во својот деловен живот, христијанинот мора да му го прикажува на светот начинот на кој нашиот Господ би управувал со деловните потфати. Во секоја трансакција христијанинот мора да покаже дека Бог е негов Учител. „Светост Господова" тие зборови мораат да бидат напишани на сите деловни книги, имотни листови, на сите признаници и меници. Оние кои тврдат дека се Христови следбеници и кои истовремено работат нечесно таквите даваат лажно сведоштво против карактерот на светиот, праведен и милостив Бог. Како Закхеј, секој обратен човек покажува дека Христос влегол во неговото срце со тоа што ги напушта неправедните постапки, кои дотогаш го обележувале неговиот живот. Слично на началникот на цариниците, таквиот човек ќе даде доказ за својата искреност со тоа што ќе ја надомести нанесената штета. Господ вели: „Ако грешникот го врати залогот, ако го плати она што го грабнал и ако почне да живее според одредбите на животот, не правејќи беззаконија... сите негови гревови што ги сторил нема да му бидат споменати... тој сигурно ќе живее". (Езекиел 33:15,16) {КВ 556.1}

Ако сме ги оштетиле другите со некоја неправедна Бизнис трансакција, ако сме прелажале некого во трговијата или сме измамиле некој човек, дури и ако тоа било во рамките на законот, треба да ја признаеме својата грешка и да ја надоместиме создадената штета колку што е тоа во наша моќ. Праведно би било да го вратиме не само она што сме го зеле, туку и сѐ она што со текот на времето би се акумулирало со правилна и мудра употреба на тие средства додека биле во наша сопственост. {КВ 556.2}

Спасителот му рекол на Закхеј: „Денес дојде спасението на оваа куќа". Не бил благословен само Закхеј, туку и целото негово семејство. Христос дошол во неговиот дом за да му даде поуки за вистината и да го поучи неговото семејство во поглед на она што се однесува на Божјото царство. Тие биле исклучени од синагогата поради презирот од страна на рабините и верниците. Меѓутоа, сега станале најпривилегирано семејство во цел Ерихон и се собрале во својот дом околу божествениот Учител за да ги слушаат зборовите на животот. {КВ 556.3}

Кога ќе го примиме Христа како свој личен Спасител, тогаш Доаѓа спасение за душата. Закхеј не го примил Исуса само како еден минлив гостин во својот дом, туку како Оној, Кој ќе престојува во храмот на душата. Книжевниците и фарисеите го обвинувале дека бил грешник, тие мрмореле против Христа затоа што станал негов гостин, но Господ го признал како Авраамов син. Зашто „оние кои се од верата се Авраамови деца". (Галатјаните 3:7) {КВ 556.4}

62. ГОЗБА ВО ДОМОТ НА СИМОН

Оваа поглавје е засновано на Матеј 26:6-13; Марко 14:3-11; Лука 7:36-50; Јован 11:55-57; 12;1-11.

Симон од Витанија се сметал за Исусов ученик. Тој бил еден од неколкуте фарисеи кои отворено им се придружиле на Христовите следбеници. Тој го признал Исуса за учител и се надевал дека Тој би можел да биде Месијата, но не го прифатил како Спасител. Неговиот карактер не се преобразил, неговите начела останале неизменети. {КВ 557.1}

Симон бил исцелен од лепра и тоа било она што го привлекло кон Исуса. Тој посакувал да ја покаже својата благодарност и, кога Христос последен пат бил во Витанија, тој подготвил гозба за Спасителот и за Неговите ученици. На оваа гозба биле собрани и многу Евреи. Бо тоа време во Ерусалим владеела голема возбуда. Христос и Неговата мисија привлекувале поголемо внимание од било кога порано. Оние што дошле на гозбата внимателно го следеле Неговото движење, а некои од нив тоа го правеле со непријателски поглед. {КВ 557.2}

Спасителот стигнал во Витанија само шест дена пред Пасха и според Својот обичај, побарал одмор во домот на Лазар. Мноштвото патници кои поминувале низ градот, ја раширале веста дека Тој се наоѓа на Својот пат кон Ерусалим и дека за време на саботата ќе се одмори во Витанија. Кај народот владеел голем ентузијазам. Многумина се собирале во Витанија, некои од наклоност кон Исуса, а други од љубопитност, за да го видат човекот кој воскреснал од мртвите. {КВ 557.3}

Многумина очекувале дека од Лазар ќе ја слушнат чудесната сторија за сцените на кои бил сведок по смртта. Биле изненадени, кога тој не им раскажал ништо. Немал што да им раскаже. Вдахновението изјавува; „Мртвите не знаат ништо... исчезнала и нивната љубов и нивната омраза и нивната завист". (Проповедник 9;5,6) Меѓутоа, Лазар имал да изнесе едно чудесно сведоштво во Христовото дело. Поради тоа и бил воскреснат од мртвите. Изјавил со сигурност и сила дека Исус е Божји Син. {КВ 557.4}

Извештаите што ги однеле назад во Ерусалим оние што биле во Витанија, ја зголемиле возбудата. Народот бил желен да го види и слушне Исуса. Сеопшто било прашањето дали Лазар ќе го придружува Него до Ерусалим и дали Пророкот ќе биде крунисан за цар за време на Пасха. Свештениците и поглаварите виделе дека нивната власт над народот е сè послаба и нивниот револт кон Исуса станал уште поогорчен. Едвај чекале прилика засекогаш да го отстранат од својот пат. Како што минувало времето, тие почнале да стравуваат дека Тој на крајот на краиштата можеби нема да дојде во Ерусалим. Се сеќавале колку пати ги попречил нивните убиствени намери, па се плашеле дека и сега проникнал во нивните намери и дека ќе остане настрана. Не

можеле да ја прикријат својата загриженост, па се прашувале меѓусебно: „Што мислите, нема ли да дојде на празникот?“ {КВ 558.1}

Бил повикан совет на свештеници и фарисеи. По воскреснувањето на Лазар, чувствата на народот биле толку целосно наклонети кон Христа, така што било опасно јавно да се уапси. Затоа властите решиле тајно да го уапсат и колку што е можно потивко да го спроведат судењето. Се надевале дека непостојаната плима на јавното мислење ќе се сврти во нивна полза, кога ќе се дознае дека Тој е осуден. {КВ 558.2}

Така приготвиле план да го уништат Исуса. Меѓутоа, свештениците и рабините знаеле дека нема да бидат сигурни сè додека Лазар е жив. Самото постоење на еден човек кој четири дена бил во гроб и кого Исусовата Реч го вратила во живот, би предизвикала реакција порано или подоцна. Народот би им се одмаздил на своите водачи поради убиството на Оној, Кој можел да изврши такво чудо. Затоа Синедрионот одлучил дека и Лазар исто така мора да умре. Зависта и предрасудите на еврејските водачи пораснале до таа мера, што сакале да му го одземат животот на човекот, кого бесконечната сила го избавила од гробот. {КВ 558.3}

Додека во Ерусалим се ковал заговор, Исус и Неговите пријатели биле поканети да присуствуваат на гозбата кај Симон. Спасителот седнал на трпезата до Симон, кого го излекувал од одвратна болест, додека на другата страна се наоѓал Лазар, кого го воскреснал од мртвите. Марта служела околу трпезата, додека Марија внимателно го слушала секој збор што Доаѓал од Исусовите усни. Во Својата милост, Исус и ги простил гревовите, го повикал да излезе од гробот нејзиниот сакан брат, па нејзиното срце било полно со благодарност. Слушнала како Исус зборува за Својата блиска смрт, па во Својата длабока љубов и тага сакала да му укаже чест. По цена на голема лична жртва купила сад од алабастер со „миро од нард, многу скапоцено“ со кое сакала да го помаже Неговото тело. Меѓутоа, сега многумина изјавувале дека Тој скоро ќе биде крунисан за цар. Нејзината тага се претворила во радост и таа била желна прва да му оддаде почест на својот Господ. Таа го скршила садот со мирото и го излеала врз Исусовата глава и нозе и потоа, клекнувајќи и плачејќи ги квасела со солзи Неговите нозе, а потоа ги избришала со својата долга распуштена коса. {КВ 558.4}

Не сакала да привлекува внимание и нејзината постапка би поминала незабележано, но мирото ја исполнило просторијата со својот мирис, па нејзината постапка била откриена на сите присутни. Јуда кон оваа постапка гледал со големо незадоволство. Наместо да причека и да слушне што ќе каже Христос за тоа, тој почнал да им шепоти за своето негодување на оние што биле во негова близина, префрлувајќи му на Христа што дозволува такво растурање. Неговите подмолни сугестии биле насочени кон тоа да предизвикаат незадоволство. {КВ 559.1}

Јуда извршувал должност на благајник меѓу учениците, па од нивните мали резерви тајно земал за себе, поради што нивните средства толку се намалиле, што останало многу малку. Тој бил желен да стави во ковчежето сè што можел да добие. Од ковчежето често се земало за да им се помогне на сиромашните, а кога се купувало нешто што Јуда сметал дека не е неопходно, тој би рекол: „Зошто такво растурање? Зошто таа вредност не се стави во ковчежето што го носам за сиромашните?“ Постапката на Марија била во очигледна спротивност со неговата себичност, па тој се засрамил и според својот обичај настојувал да му припише некоја благородна побуда на својот приговор на нејзиниот дар. Обраќајќи им се на учениците, тој прашал: „Зошто ова миро не се продаде за триста гроша и тоа не им се даде на сиромасите? Но ова го кажа не затоа што се грижеше за сиромасите туку затоа што беше крадец, кај кого беше

ковчежето и кој го носеше она што се ставаше во него". Јуда немал срце за сиромашните. Кога мирото на Марија би било продадено и кога парите би дошле во негово владение, сиромашните не би имале никаква корист. {КВ 559.2}

Јуда имал високо мислење за своите раководителни способности. Себеси се сметал дека поради своите финансиски способности е далеку супериорен над останатите ученици, наведувајќи ги да го гледаат во таква светлина. Ја стекнал нивната доверба и имал силно влијание врз нив. Тие биле измамени од неговата наводна наклонетост кон сиромашните и неговите лукави навестувања ги навеле со недоверба да гледаат на преданоста на Марија. Околу трпезата се слушнало мрморење: „Какво е ова растурање? Зашто ова миро можеше скапо да се продаде и да им се даде на сиромасите". {КВ 559.3}

Марија ги слушнала зборовите на критика. Нејзиното срце затреперило. Се плашела дека сестра и ќе ја прекори за нејзината екстраваганција. Можеби Учителот ќе помисли дека била непромислена. Се подготвувала да се повлече без извинување или правдање, кога го слушнала гласот на својот Господ: „Оставете ја, зошто и создавате непријатности?" Видел дека била засрамена и вознемирена. Знаел дека со својата постапка таа ја изразила својата благодарност што и се простени гревовите и што Тој и донел олеснување на нејзината душа. Подигајќи го Својот глас над мрморечките критики, Тој рекол: „Таа направи добро дело за мене. Сиромаси секогаш ќе имате со вас, и кога сакате можете да им направите добро, но Мене ме немате секогаш. Тоа што можеше таа го направи; го помаза предвреме Моето тело за погребување". {КВ 560.1}

Мирисливиот подарок со кој Марија сакала раскошно да го помаже мртвото тело на Спасителот, сега го излеала врз Неговото живо тело. На погребот неговиот мирис би се ширел низ гробот, а сега го израдувал Неговото срце со доказот за нејзината вера и љубов. Јосиф од Ариматеја и Никодим не му го понудиле својот дар на љубовта на Исуса за време на Неговиот живот. Со горчливи солзи ги донеле своите скапоцени мириси за Неговото студено, бесвесно тело. Жените кои донеле мирис на гробот увиделе дека нивниот труд бил напразен, бидејќи Исус воскреснал. Излевајќи го својот мирис на Спасителот додека Тој бил свесен за нејзината преданост, Марија го помазала за погребување. И кога Тој слегол во темнината на Својата голема неволја, Исус го понел со себе и сеќавањето на таа постапка како залог на љубовта која кон Него засекогаш ќе ја негуваат оние кои ги откупил. {КВ 560.2}

Многумина носат драгоцени дарови на мртвите. Додека стојат покрај студеното, безживотно тело, тие слободно упатуваат зборови на љубов. Нежноста, ценењето, преданоста сето тоа изобилно се укажува на оној кој не слуша и не гледа. Кога тие зборови би биле изговорени на уморниот дух, кога му биле толку потребни, кога увото би можело да слушне и срцето да почувствува колку драгоцен би бил нивниот мирис! {КВ 560.3}

Марија не ја сфатила вистинската смисла на својата постапка која произлегувала од љубовта. Таа не можела да им одговори на своите обвинители. Не можела да објасни зошто ја одбрала таа прилика за да Го помаже Исуса. Светиот Дух планирал за неа и таа се потчинила на Неговиот налог. Вдахновението слегува не давајќи објаснување. Тоа е невидливо и како такво му се обраќа на разумот и душата и го поттикнува срцето на делување. Тоа е оправдување само за себе. {КВ 560.4}

Христос и открил на Марија каква била смислата на нејзината постапка и на тој начин Тој и дал повеќе отколку што примил. Тој рекол: „Таа, излевајќи го тој мирис врз телото Мое, Ме приготви за погреб". Како што се скршил садот од алабастер и ја

исполнил куќата со својот мирис, така Христос ќе умре, Неговото тело ќе биде скршено, но кога ќе воскресне, мирисот на Неговиот живот ќе ја исполни Земјата. Христос „не љубел и се предал Себеси за нас како принос и жртва пријатен мирис на Бога". (Ефесјаните 5:2) {КВ 560.5}

„Навистина ви велам," изјавил Христос, „каде и да се проповеда ова евангелие по сиот свет, ќе се каже и она што го стори таа, за нејзин спомен". Гледајќи во иднината, Спасителот зборувал со сигурност за Своето евангелие. Тоа требало да се проповеда по целиот свет. Секаде каде што ќе се проповеда евангелието, дарот на Марија ќе го шири својот мирис и нејзината спонтана постапка ќе благослови многу срца. Царства ќе се создаваат и ќе пропаѓаат, имињата на владетелите и освојувачите ќе паѓаат во заборав, но делото на оваа жена ќе остане бесмртно на страниците на светата историја. Сè додека времето постои, скршениот алабастерски сад ќе ја раскажува приказната за огромната Божја љубов кон паднатиот човечки род. {КВ 563.1}

Постапката на Марија била во очигледна спротивност со она што Јуда имал намера да го направи. Каква остра поука можел да му даде Христос на оној кој во душите на учениците фрлал семе на критика и лоши мисли. Колку оправдано обвинителот би можел да биде обвинет! Оној, Кој ги чита побудите на сечие срце и ја разбира секоја постапка, можел и да ги отвори пред присутните на гозбата мрачните поглавја од искуството на Јуда. Би можеле да бидат разоткриени празните претендирања на кои предавникот ги засновал своите зборови, бидејќи тој не им бил наклонет на сиромашните, туку земал пари што ним им биле наменети. Против него можело да се предизвика огорченост заради тоа што ги угнетувал вдовиците, сирачињата и надничарите. Кога Христос би го разоткрил, тоа би се навело како причина за предавството. Иако би бил обвинет како крадец, Јуда би стекнал наклонетост дури и меѓу учениците. Спасителот не го укорил и така не му дал изговор за неговото предавство. {КВ 563.2}

Меѓутоа, погледот што Исус го фрлил на Јуда, го уверил дека Спасителот проникнал во неговото лицемерие и дека го познавал неговиот низок и презрен карактер. Пофалувајќи ја толку остро критикуваната постапка на Марија Христос го укорил Јуда. Сè до овој момент, Спасителот никогаш не го укорувал директно. Сега укорот го вознемирил неговото срце и тој одлучил да се одмазди. Од вечерата, отишол право во палатата на првосвештеникот, каде што го затекол советот на заседание и понудил да Го предаде Исуса во нивни раце. {КВ 563.3}

Свештениците многу се израдувале. На тие Израелски поглавари им била дадена привилегија да го примат Христа како свој Спасител, без пари или нешто друго. Меѓутоа, тие го одбиле драгоцениот дар што им бил понуден во најнежен дух на силна љубов. Одбиле да го примат спасението што е подрагоцено од злато и го купиле својот Господ за триесет сребреници. {КВ 564.1}

Јуда попуштал на алчноста, така што на крај таа ја совладала секоја добра одлика во неговиот карактер. Тој негодувал за секој дар донесен на Исуса. Неговото срце горело од завист што Спасителот добил еден дар кој одговара за земните владетели. Го предал Учителот за износ што бил значително помал од цената на садот со мирис. {КВ 564.2}

Учениците не биле како Јуда. Тие го сакале Спасителот. Меѓутоа, тие не го ценеле правилно Неговиот возвишен карактер. Кога би сфатиле што направил Тој за нив, тие не би сметале дека е залудно потрошено што и да му се подари. Мудреците од Исток, кои многу малку знаеле за Исуса, покажале повистинито вреднување на честа која му

припаѓа. Тие донеле драгоцени дарови за Спасителот и му се поклониле полни со почит, додека Тој уште бил новороденче во јасли. {КВ 564.3}

Христос ги цени делата на љубезност што произлегуваат од срдечната учтивост. Кога некој би му направил некаква услуга, Тој го благословувал со небесна учтивост. Тој не го одбивал дури ни обичниот цвет, кој е набран од детска рака и кој му бил понуден со љубов. Ги примал даровите на децата и ги благословувал дарителите, запишувајќи ги нивните имиња во книгата на животот. Во Светото Писмо Марија се издвојува од другите жени по тоа што Го помазала Исуса. Постапките што произлегуваат од љубов и почит кон Исуса, даваат доказ за верата во Него како во Божји Син. А како докази за преданоста на една жена кон Христа, Светиот Дух наведува: „Ако на светиите им миела нозе, ако им помагала на неволните, и ако одела по секое добро дело". (1. Тимотеј 5:10) {КВ 564.4}

Христос се воодушевувал поради искрената желба на Марија да ја врши волјата на својот Господ. Тој го примал изобилството од чиста љубов која Неговите ученици не ја сфатиле и не сакале да ја разберат. Желбата на Марија да ја направи таа служба за својот Господ на Христа му била подрагоцена, отколку сите драгоцени мира кои постојат во светот, бидејќи во тоа била изразено нејзиното уважување на Спасителот на светот. Христовата љубов било она што ја натерало на тоа. Неспоредливата извонредност на Христовиот карактер ја исполнило нејзината душа. Тоа миро било симбол на срцето на дарителот. Тоа бил надворешна демонстрација на љубовта, напојувана од небесните потоци, сè додека не се излеала. {КВ 564.5}

Делото на Марија било токму онаа поука што им била потребна на учениците за да им биде покажано дека изразите на нивната љубов за Христа му се угодни Нему. Тој за нив бил сè и не сфаќале дека наскоро ќе бидат лишени од Неговото присуство, и нема да можат да му понудат нешто во знак на нивната благодарност за Неговата голема љубов. Учениците никогаш не ја разбирале, ниту ја ценеле осаменоста на Христа, Кој бил одвоен од небесните дворови и Кој живеел како човек. Често бил ожалостен што Неговите ученици не му го давале она што требало да го добие од нив. Знаел дека никаква жртва не би била доволна за да ја изразат духовната љубов на срцето, кога тие би се наоѓале под влијание на небесните ангели што го следеле. {КВ 565.1}

Нивото подоцнежно знаење им дало вистинска смисла за многуте нешта што можеле да ги направат за Исуса додека бил со нив и на тој начин да дадат израз на љубовта и благодарноста на своето срце. Кога Исус веќе не бил со нив и кога се чувствувале како овци без пастир, почнале да увидуваат колку внимание можеле да му укажат и со тоа да го израдуваат Неговото срце. Веќе не ја обвинувале Марија, туку себеси. О, кога би можеле да ги повлечат своите приговори, своето тврдење дека сиромасите се подостојни да примат дар отколку Христос! Затоа чувствувале грижа на совеста, кога го симнале од крстот ранетото тело на својот Господ. {КВ 565.2}

Истата потреба е очигледна и денес во овој свет. Има малкумина што го ценат сè она што Христос претставува за нив. Кога би го ценеле, би се покажала големата љубов на Марија и не би се штедело помазанието. Не би сметале дека помазанието со скапоцено миризливо масло претставува растурање. Ништо не би се сметало премногу скапо за да се даде на Христа, никакво самооткажување и никакви жртви не би изгледале премногу големи да се поднесат заради Него. {КВ 565.3}

Луто изговорените зборови: „Какво е ова растурање?"; предизвикале во Христа жива претстава за најголемата жртва која некогаш е принесена, дарот на самиот Себе како помирување за еден изгубен свет. Господ бил толку дарежлив кон Својот човечки

род, па никој не може да каже дека Тој можел да даде повеќе. Давајќи го Исуса, Бог го дал целото Небо. Од човечка гледна точка, таквата жртва претставувала безгрижно растурање. Според човечки мерила, целокупниот план на спасение претставува растурање на милост и ресурси. Насекаде наидуваме на самооткажување и сесрдна жртва. Небесната војска навистина има право со чудење да го набљудува човечкото семејство кое одбива, да се воздигне и да се збогати со неизмерната љубов изразена во Христа. Таа навистина може да извикне „Зошто толку големо растурање?“ {КВ 565.4}

Меѓутоа, помирувањето за еден изгубен свет требало да биде целосно, изобилно и комплетно. Христовата жртва била толку голема, што била доволна за секоја душа што ја создал Бог. Таа не можела да се ограничи, така што нема да го пречекори бројот на оние кои сакаат да го примат големиот Дар. Сите луѓе не се спасени, меѓутоа планот на откупување не е растурање, бидејќи не го остварува сето она што толку дарежливо истиот го овозможил. Мора да има доволно, дури и да остане. {КВ 565.5}

Домаќинот Симон бил под влијание на Јудиното критикување за дарот на Марија и бил изненаден од Исусовото однесување. Неговата фарисејска гордост била повредена. Знаејќи дека многу негови гости гледаат на Христа со недоверба и неодобрување, Симон рекол во себе: „Кога овој Човек би бил пророк, би знаел каква е оваа жена што се допира до Него, бидејќи таа е грешница”. {КВ 566.1}

Исцелувајќи го Симон од лепра, Христос го спасил да не биде жив мртовец. Сега Симон се прашувал дали Спасителот е пророк. Бидејќи Христос дозволил да му се приближи таа жена, бидејќи не ја оттурнал луто од Себе, како суштество чии гревови се премногу големи за да можат да се простат, бидејќи Тој не покажал дека сфатил, дека таа во минатото била во грев Симон паднал во искушение да мисли дека Тој не е пророк. Мислел дека Исус не знае ништо за таа жена, која била толку слободна во своите постапки, бидејќи кога би знаел, не би и дозволил да Го допре. {КВ 566.2}

Симон размислувал така затоа што не го познавал ниту Бога ниту Христа. Не знаел дека Божјиот Син мора да постапува на божествен начин со сочувство, нежност и милост. Според Симон, Тој требало да не обрне никакво внимание на покајничката постапка на Марија. Помазувајќи Го Христа со миризливо миро и бакнувајќи Му ги нозете, таа го раздразнила Симоновото нечувствително срце. Сметал дека ако Христос е пророк, би бил во состојба да ги препознае грешниците и да ги укори. {КВ 566.3}

На тие неискажани мисли, Спасителот одговорил: „Симоне, имам нешто да ти кажам... Еден заемодавец имаше двајца должници. Едниот му должеше петстотини денарии, а другиот педесет. Бидејќи не можеа да му вратат, тој им прости на двајцата. Кој од нив ќе го сака повеќе? Симон одговори: ‘Мислам оној на кого повеќе му е простено’. А Исус му рече: ‘Правилно пресуди’“. {КВ 566.4}

Како што постапил Натан со Давид, така Христос ја дал Својата силна поука во облик на парабола. Тој го префрлил врз Својот домаќин товарот на изговарање пресуда врз себеси. Симон ја навел на грев жената која сега ја презирал. Тој и сторил длабока неправда. Двајцата должници во параболата ги претставувале Симон и жената. Исус немал намера да каже дека обврските на двајцата споменати должници биле различни според степенот, бидејќи секој од нив должел благодарност која никогаш не може да се врати. Меѓутоа Симон сметал дека е поправеден од Марија, а Исус сакал тој да увиди колкава е всушност голема неговата вина. Тој сакал да му покаже колку неговиот грев е поголем од нејзиниот, како што долгот од петстотини денарии е поголем од долгот од педесет денарии. {КВ 566.5}

Симон почнал да се гледа себеси во нова светлина. Видел што мисли за Марија Оној, Кој бил многу повеќе од пророк. Видел дека Христос, со Своето остро пророчко око ја согледал љубовта и преданоста во нејзиното срце. Тој се засрамил и сфатил дека се наоѓа во присуство на Оној, Кој е неспоредливо повозвишен од него. {КВ 567.1}

„Јас влегов во твојот дом," рекол Христос, „но ти не ми даде вода за Моите нозе," а Марија со солзи на покајание, поттикнати од љубовта, ми ги измиле нозете и ми ги избриша со косата на својата глава. „Ти не ми даде целив, но оваа жена" која ти ја презираш „откако влегов, не престанува да ми ги бакнува нозете". Христос укажал на приликите што ги имал Симон за да ја покаже својата љубов кон својот Господ и да покаже дека го цени она што е направено за него. Отворено, а Сепак со нежна учтивост, Спасителот им покажал на Своите ученици дека е тажен во Своето срце, кога Неговите деца не Му покажуваат благодарност со своите зборови и со делата на љубовта. {КВ 567.2}

Испитувачот на срцето знаел според кои побуди се раководела Марија, а исто така видел од каков дух произлегле Симоновите зборови. „Ја гледаш ли оваа жена?" Тој му рекол нему. „Таа е грешница. Ти велам, простени и се многу гревови, и затоа има голема љубов; а кому малку му е простено, тој малку љуби". {КВ 567.3}

Симоновото студенило и запоставеност кон Спасителот покажале колку малку ја ценел милоста што ја примил. Тој сметал дека му укажал чест на Исуса што го поканил во својот дом. Сега всушност увидел каков е. Додека мислел дека ги чита мислите на својот Гостин, Гостинот ги читал неговите мисли. Видел колку точно Христос го проценил. Неговата вера била облека на фарисејството. Тој го презирал Спасителовото сочувство. Тој не го препознал Исуса како Божји претставник. Додека Марија била грешница на која и било простено, тој бил грешник чии гревови не биле простени. Строгото правило на правдата што сакал да го примени врз неа го осудило него. {КВ 567.4}

Симон бил трогнат од Исусовата љубезност, бидејќи не го укорил јавно пред гостите. Кон него не се постапувало онака како што сакал тој да се постапува кон Марија. Видел дека Исус не сакал на другите да им укаже на неговата вина, туку сака, изнесувајќи ја вистинската состојба на работите, да влијае на неговиот разум и со сочувство и љубезност да го придобие неговото срце. Строгата осуда би го навела Симона да го стврдне срцето против покајанието, но трпеливиот совет го навел да ја увиди својата грешка. Видел колку многу му должи на својот Господ. Неговата горделивост била понижена, тој се покајал и горделивиот фарисеј станал понизен, самопожртвуван ученик. {КВ 567.5}

Марија била сметана за голема грешница, но Христос знаел какви околности влијаеле на нејзиниот живот. Тој можел да ја изгасне секоја искра надеж во нејзината душа, но не го направил тоа. Тој ја подигнал од очајот и пропаста. Седум пати слушнала како ги растерува демоните кои владееле со нејзиното срце и разум. Ги слушнала Неговите силни повици кон Својот Татко за неа. Знаела колку е навредлив гревот за Неговата неизвалкана чистота и победила со помош на Неговата сила. {КВ 568.1}

Иако според мислењето на луѓето нејзиниот случај изгледал безнадежен, Христос видел дека Марија е во состојба да прави добро. Тој ги видел подобрите особини во нејзиниот карактер. Планот на спасение му овозможил широки можности на човештвото, а Марија била подготвена да ги искористи тие можности. Преку Неговата благодат таа станала учесник во божествената природа. Онаа која паднала и во чија душа се населиле демони, станала многу блиска до Спасителот во заедништвото и

службата. Марија седела крај Исусовите нозе и учела од Него. Таа ја помазала Неговата глава со скапоцено миро и ги измила Неговите нозе со своите солзи. Марија стоела покрај крстот и одела по Него до гробот. Марија била прва на гробот по Неговото воскресение. Марија прва го објавила воскреснатиот Спасител. {КВ 568.2}

Исус ги познава околностите во кои се наоѓа секоја душа. Ти можеш да кажеш: „Јас сум грешен, многу грешен". Можеби и си грешен, но колку си погрешен, толку повеќе ти е потребен Исус. Тој не одбива никого кој му приоѓа со солзи и покајание. Тој никому не му кажува сè што би можел да открие, туку ја охрабрува секоја исплашена душа. Со задоволство им простува на сите кои доаѓаат кај Неги заради прошка и обновување. {КВ 568.3}

Христос би можел да им нареди на небесните ангели да ги излеат чашите на Својот гнев врз нашиот свет, за да бидат уништени оние што се исполнети со омраза кон Бога. Тој би можел да ја избрише оваа темна дамка од Својата вселена. Меѓутоа, Тој не го прави тоа. Тој денес стои пред олтарот за принесување темјан и ги изнесува пред Бога молитвите на оние што копнеат по Негова помош. {КВ 568.4}

Оние души кои во Него бараат засолниште, ги издигнува над обвинувањата и јазиците кои креираат расправии. Ниту луѓето, ниту злите ангели не можат да ги обвинат и отфрлат овие души. Христос ги соединува со Својата божествено-човечка природа. Тие се наоѓаат покрај големиот Носител на гревовите, во светлината што излегува од Божјиот престол. „Кој ќе ги обвини Божјите избраници? Бог е, Кој ги оправдува. Кој е тој што ќе суди? Исус Христос, Кој умре, но уште и воскресна, Кој е од десна страна на Бога и Кој се застапува за нас". (Римјаните 8:33,34) {КВ 568.5}

63. „ТВОЈОТ ЦАР ДОАЃА"

Оваа поглавје е засновано на Матеј 21:1-11; Марко 11:1-10; Лука 19:29-34; Јован 12:12-19.

„Ликувај од радост, ќерко Сионова, извикувај, ќерко ерусалимска; Ете, твојот Цар Доаѓа при тебе; праведен е и спасува; кроток и седнат на осле, младенче на ослицата". (Захарија 9:9) {КВ 569.1}

Петстотини години пред Христовото раѓање пророкот Захарија така го претскажал доаѓањето на Царот во Израел. Тоа пророштво сега требало да се исполни. Оној, Кој толку долго ги одбивал царските почести, сега Доаѓа во Ерусалим како Ветениот Наследник на Давидовиот престол. {КВ 569.2}

Во првиот ден на седмицата Христос триумфално влегол во Ерусалим. Мноштво луѓе, кои се насобрале во Витанија за да Го видат, сега го придружувале, желни да бидат сведоци на Неговиот дочек. Многумина патувале во Ерусалим на прослава на празникот Пасха, па и тие се придружиле на мноштвото што одело по Исуса. Целата природа изгледала како да се радува. Дрвјата биле покриени со зеленило, а нивните цветови ширеле нежен мирис низ воздухот. Луѓето биле исполнети со нов живот и радост. Повторно заживеала надежта за новото царство. {КВ 569.3}

Со намера јавајќи да влезе во Ерусалим, Исус испратил двајца Свои ученици да му доведат една магарица и осле. При Своето раѓање, Спасителот зависел од гостопримството на туѓинците. Јаслите во кои лежел биле позајмени од друг. Сега, иако добитокот по илјадниците ридови е Негов, Тој зависел од љубезноста на непознат

човек, кој требало да му даде животно на кое ќе влезе во Ерусалим како негов Цар. Меѓутоа, дури и тука се покажало Неговото божество во деталните упатства што им ги дал на Своите ученици за таа должност. Како што и претскажал, молбата „тие му се потребни на Господа“ веднаш била услишена. Исус избрал за Себе магаре, на кое уште не седнал човек. Учениците со големо воодушевување ја ставиле својата облека на магарето и го качиле на него својот Учител. Дотогаш, Исус секогаш патувал пеш и затоа учениците се чуделе што сега се согласил да јава. Меѓутоа, надежта на нивното срце била разведрена од радосната мисла дека Тој наскоро ќе влезе во престолнината, да се прогласи за Цар и да ја преземе Својата царска власт. Попатно, тие ги известувале Исусовите пријатели за своите блескави надежи, така што возбудата толку се раширила, што очекувањата на народот достигнале кулминација. {КВ 569.4}

Христос се придржувал кон еврејскиот обичај за царско доаѓање. Животното на кое Тој јавал било истото на кое јавале и израелските цареви, и пророштвото велело дека и Месијата така ќе дојде во Своето царство. Кога се качил на магарето, низ воздухот се разнел гласен победоносен извик. Мноштвото го поздравувало како Месија, нивниот Цар. Исус тогаш го примил поклонението кое никогаш дотогаш не го дозволил, а учениците тоа го сметале како доказ дека нивните радосни надежи ќе бидат остварени со тоа што Тој ќе седне на престолот. Мноштвото било уверено дека е близу моментот на нивното ослободување. Во својата фантазија, луѓето веќе гледале како римските армии се протерани од Ерусалим и како Израел уште еднаш станува независна нација. Сите биле среќни и возбудени; луѓето се натпреварувале кој ќе Му укаже поголема чест. Тие не можеле да му пружат надворешен раскош и елеганција, но Го обожавале во своите среќни срца. Не биле во можност да Му даруваат скапи подароци, но ги постилале на патот своите облеки како килим и го опсипувале патот со маслинови и палмови гранчиња. Не можеле да одат пред триумфалната поворка со царски знамиња, туку сечеле широки палмови гранки природен симбол на победа и мавтале со нив заедно со нивните гласни извици и повици на пофалба. {КВ 570.1}

Попатно, на мноштвото му се придружувале оние кои слушнале за Неговото доаѓање и затоа побрзале да се придружат на поворката. Набљудувачите постојано се мешале со мноштвото, прашувајќи: „Кој е тој? Што значи сета оваа возбуда?“ Сите тие слушнале за Исуса и очекувале дека Тој ќе дојде во Ерусалим, но знаеле дека дотогаш Тој ги одбивал сите обиди на Своите следбеници да Го постават на престолот; па затоа биле многу изненадени, кога слушнале дека тоа е Тој. Се прашувале што можело да ја предизвика таа промена во Него, бидејќи рекол дека Неговото царство не е од овој свет. {КВ 570.2}

Нивните прашања биле придушени од триумфалниот извик, кој постојано бил повторуван од страна на желното мноштво, а кон кое се соединиле и луѓето оддалеку и кое одекнувало низ околните брегови и долини. Сега на поворката и се придружило мноштвото од Ерусалим. Од мноштвата што се собрале да присуствуваат на Пасха, излегувале илјадници да го пречекаат Исуса и да му посакаат добредојде. Тие Го поздравувале мавтајќи со палмовите гранчиња и со излив на свети песни. Свештениците во храмот трубеле во трубите за вечерна служба, но малкумина од нив се одсвале и поглаварите вознемирено зборувале еден на друг: „Светот тргна по Него”. {КВ 571.1}

Никогаш порано во Својот земен живот, Исус не дозволил таква демонстрација. Тој јасно ги предвидел последиците. Тоа ќе Го одведе на крст. Меѓутоа, Негова цел била на тој начин јавно да се прикаже како Откупител. Сакал да го сврти вниманието на жртвата

која ќе ја круниса Неговата мисија во паднатиот свет. Додека народот се собирал во Ерусалим за да ја прослави Пасха, Тој остварувањето на симболот, вистинското Јагне доброволно се дал Себеси за жртва. Неговата смрт за гревовите на светот, ќе мора во сите наредни векови да биде предмет на длабоко размислување и проучување во Неговата црква. Секој факт во врска со тоа мора да биде проверен, така што нема да остане ниту сенка на сомнеж. Затоа, во тоа време било потребно очите на сиот народ да бидат насочени кон Него, па настаните кои претходат на Неговата голема жртва да бидат такви, што ќе го свртат вниманието на самата жртва. По таквото Негово влегување во Ерусалим, сите внимателно ќе набљудуваат како Тој бргу се приближува кон завршната сцена на Својата мисија. {КВ 571.2}

Настаните поврзани со тоа триумфално јавање ќе бидат предмет на секој разговор и Исус ќе биде предочен на нивното внимание. По Неговото распнување, многумина ќе се сетат на овие настани во врска со Неговото судење и смрт. Тие ќе бидат поттикнати да ги испитуваат пророштвата и на тој начин ќе стекнат уверување дека Тој навистина бил Месијата и во сите земји ќе се зголеми бројот на оние кои пристапуваат на верата. {КВ 571.3}

Во таа единствена триумфална сцена во Неговиот земен живот, Исус можел да се појави во придружба на небесните ангели со звуци на Божјата труба, но таквата сцена би била спротивна на целта на Неговата мисија, спротивна на законот што управувал со Неговиот живот. Тој останал верен на понизната судбина што ја избрал. Морал да го носи товарот на човечката природа, сè додека не го положил Својот живот за животот на светот. {КВ 571.4}

Тој ден, кој на учениците им изгледал најубав во животот, би бил замрачен од темни облаци, кога тие би знаеле дека тој радосен настан е само вовед во страдањата и смртта на нивниот Учител. Иако повеќе пати им зборувал за Својата неизбежна жртва, во радосниот триумф тој ден, тие заборавиле на Неговите тажни зборови и го очекувале Неговото успешно владеење на Давидовиот престол. {КВ 571.5}

Поворката постојано се зголемувала и со неколку исклучоци, сите кои и пристапувале, биле исполнети со вдахновението на тој момент и ги придружувале своите гласови во песните на благодарност, кои одекнувале низ ридовите и долините. Постојано се слушале извиците: „Осана на Давидовиот син! Благословен да е Оној, Кој Доаѓа во Господово име! Осана во висините!“ {КВ 572.1}

Никогаш дотогаш светот не видел таква триумфална поворка. Таа не прилегала на поворките на познатите земни освојувачи. Во неа немало тажни заробеници трофеи на царската храброст. Околу Спасителот се наоѓале величествени трофеи на Неговата љубов и Неговото залагање за грешниот човек. Тоа биле робови што Тој ги ослободил од сатанската власт, фалејќи го Бога заради своето ослободување. Предводеле оние кои некогаш биле слепи и на кои Тој им го вратил видот, а немите, на кои им го вратил говорот, најгласно пееле песни на благодарност. Оние кои биле сакати и кои ги излекувал, скокале од радост и најмногу ги кршеле палминине гранчиња со кои мавтале пред Спасителот. Вдовиците и сирачињата го воздигале Исусовото име поради зборовите на милост што им ги упатил. Лепрозните кои ги очистил, ги постилале своите чисти облеки на патот по кој минувал и Го поздравувале како Цар на славата. Во мноштвото се наоѓале и сите оние кои Неговиот глас ги разбудил од смртниот сон. Лазар, чие тело почнало да се распаѓа во гробот, но кој сега се радувал во силата на полната мажевност, го водел магарето на кое јавал Спасителот. {КВ 572.2}

Многумина од фарисеите биле сведоци на сцената и горејќи од завист и злоба, се обидувале да ги потиснат чувствата на народот. Со сиот свој авторитет се труделе да го замолчат народот, но нивните апели и закани само уште повеќе го зголемувале воодушевувањето. Тие се плашеле дека тоа мноштво, потпирајќи се на својата бројка, ќе го прогласи Исуса за цар. Користејќи го како последно можно средство, тие се пробиле низ мноштвото до Христа и Му се обратиле со зборови на прекор и закана: „Учителу, забрани им на Твоите ученици". Тие тврделе дека таквата врева е незаконска и дека властите нема да ја толерираат. Меѓутоа, Исус ги замолчел со Својот одговор: „Ви велам, ако тие замолкнат, камењата ќе повикаат". Самиот Бог ја одредил таа триумфална сцена. Тоа го претскажал пророкот, а човекот бил немоќен да ја спречи Божјата цел. Кога луѓето не би го остварило Неговиот план, Бог би дал глас на безживотните камења и тие би го поздравиле Неговиот Син со извици на благодарност. Кога фарисеите со молчење се повлекле, стотина гласови ги повториле зборовите на Захарија: „Ликувај од радост, ќерко Сионова, извикувај, ќерко Ерусалимска; Ете, твојот Цар Доаѓа при тебе; праведен е и спасува; кроток и седнат на оспе, младенче на ослицата". {КВ 572.3}

Кога поворката стигнала на врвот на ридот и кога речиси почнала да се спушта кон градот, Исус застанал, а по Него и сето мноштво. Пред нив лежел Ерусалим во својата слава, прелевајќи се на светлината на сонцето што заоѓало. Сите погледи биле насочени кон храмот. Во својата импозантна величественост и големина, храмот се издигал над сите останати згради, како да покажувал на небото и го упатувал народот кон единствениот и жив Бог. Храмот одамна бил гордост и слава на еврејскиот народ. И Римјаните се гордееле со неговиот величествен изглед. Еден цар што бил поставен од Римјаните, им се придружил на Евреите повторно да го изгради и украси тој храм, а римскиот император го збогатил со своите дарови. Според својата големина, богатство и убавина, храмот бил едно од светските чуда. {КВ 575.1}

Сонцето на заоѓање го обојувало и позлатувало небото, а неговата блескава слава ги осветлувала чистите бели мермерни ѕидови на храмот и блескале на неговите столбови обложени со злато. Од врвот на ридот на кој стоеле Исус и Неговите следбеници, храмот изгледал како масивна градба од снег со златни врвови. На влезот во храмот се наоѓала винова лоза од злато и сребро, со зелени лисја и огромни гроздови дело на највештите уметници. На тој начин Израел бил прикажан како родна лоза. Комбинацијата од злато, сребро и природно зеленило биле соединети со редок вкус и извонредна вештина на изработка. Лозата милно се обвиткувала околу белите и блескави столбови, држејќи се со сјајните ластари за златните украси, а сончевите зраци на залезот се одбивале од неа со величествен сјај, кој како да Доаѓал од небото. {КВ 575.2}

Исус ја набљудувал таа сцена, а мноштвото стивнало како маѓепсано од таа ненадејна сцена на убавина. Сите го насочиле погледот кон Спасителот, очекувајќи на Неговото лице да видат израз на восхит, што самите го чувствувале. Наместо тоа, тие виделе облак од тага. Биле изненадени и разочарани кога виделе дека очите Му се полни со солзи, а Неговото тело се тресело како дрво пред бура, додека од Неговите треперливи усни, како од длабочина на скршено срце се оттргнал лелек на болка. Каква сцена за ангелите! Нивниот сакан Водач во солзи на болка! Каква била таа сцена за радосното мноштво, кое со триумфални извици и мавтајќи со палмови гранчиња Го спроведувала до величествениот град, надевајќи се наивно дека Тој ќе царува таму! Тој плачел и на Лазаровиот гроб, но тоа била божествена тага сочувство кон човечката

несреќа. Меѓутоа, оваа неочекувана тага била како глас на таженка во еден величествен и триумфален хор. Среде општата радост, кога сите Му оддавале почест, Царот на Израел бил во солзи, а тоа не биле тивки солзи радосници, туку солзи и офкања на неконтролирана агонија. Одеднаш мноштвото го обзела тага. Нивните извици стивнале. Многумина плачеле од сочувство кон една болка која не можеле да ја сфатат. {КВ 575.3}

Исус не ппачеп заради страдањата што го очекувале. Непосредно пред Него се наоѓала Гетсиманија, каде што ужасот на темнината наскоро ќе ја фрли својата сенка врз Него. Исто така, можела да се види овчата врата, низ која со векови ги воделе животните одредени за жртва. Таа врата наскоро ќе се отвори пред Него, пред реалноста што ја прикажувал симболот, на чија жртва за гревовите на светот укажувале овие жртви. Во близина се наоѓала Голгота местото на Неговата агонија што се приближувала. Но Сепак, Откупителот не плачел и офкал со тага во душата, не заради тие потсетници на агонијата што се приближувала. Неговата тага не била себична. Помислата на сопствената агонија не ја исплашила таа благородна, самопожртвувана душа. Исусовото срце било прободено од сцената на Ерусалим Ерусалим кој го отфрлил Божјиот Син и ја презрел Неговата љубов кој не сакал да биде убеден од Неговите моќни чуда и кој се подготвувал да му го одземе животот. Тој видел дека градот е виновен за отфрлање на својот Спасител, видел што би можел да биде доколку го прифати Оној, Кој единствено можел да ги излекува неговите рани. Тој дошол да го спаси, и како можел да се откаже од него? {КВ 576.1}

Израел бил народ кон кого било покажано благонаклоност; неговиот храм бил Божјо живеалиште и бил „прекрасна возвишеност, радост на целата земја”. (Псалм 48:2) Тука се наоѓа извештај на преку илјада години на заштитничка Христова грижа и нежна љубов, како што таткото се грижи за својот единец. Во тој храм пророците ги изговориле своите свечени опомени. Тука свештениците мавтале со кадилниците, додека кон Бога се воздигал мирисот на темјан помешан со молитвите на верниците. Тука течела крвта на жртвуваните животни, која ја прикажувала Христовата крв. Тука Господ ја откривал Својата слава над престолот на милоста. Тука свештениците служеле, тука со векови се одвивал раскошот на симболите и церемониите. Меѓутоа, сето ова мора да има крај. {КВ 576.2}

Исус ја подигнал Својата рака која толку често ги благословувала болните и страдалниците и покажувајќи со неа во правец на градот кој бил осуден на пропаст, извикал со глас, испрекинат од болка: „Да беше узнал барем во овој твој ден, она што е потребно за твојот мир!“ Тука Спасителот запрел, не кажувајќи што би било со Ерусалим, кога би ја прифатил помошта што Бог сакал да му ја даде дарот на Неговиот сакан Син. Кога Ерусалим би го знаел она што можел да го знае, кога би обрнал внимание на светлината што му ја испратило Небото, тој би стоел во гордоста на својот просперитет, како цар на сите царства, слободен во својата од Бога дадена сила. На неговите порти не би стоеле вооружени војници, ниту од неговите ѕидини би се вееле римски знамиња. Пред Божјиот Син се појавила славата и големината со која Ерусалим би бил благословен доколку го примил својот Откупител. Тој видел дека преку Него Ерусалим би се излекувал од својата тешка болест, би се ослободил од ропството и би станал моќна престолнина на светот. Од неговите ѕидини гулабот на мирот би полетал кон сите народи. Тој би бил славна круна на светот. {КВ 576.3}

Меѓутоа, пред очите на Спасителот исчезнала прекрасната слика за Ерусалим. Бил свесен дека тој град сега е под римски јарем, имајќи го врз себе Божјиот гнев, дека е осуден на Неговите казни. Затоа Тој ја продолжува прекинатата нишка на својата

таженка: „Но сега тоа е скриено за твоите очи. Зашто ќе дојдат денови за тебе, кога твоите непријатели ќе те опкружат со опкопи, ќе те опколат и ќе те притиснат од сите страни. И ќе те срамнат до земја тебе и твоите деца со тебе; и нема да остане во тебе камен на камен, зашто не го позна времето кога беше посетен". {КВ 577.1}

Христос дошол да го спаси Ерусалим со неговите деца, но фарисејската горделивост, лицемерност, љубомора и злоба Го спречиле да ја оствари Својата намера. Исус знаел каква страшна одмазда ќе го снајде осуденият град. Го видел Ерусалим опколен со војска, со опседнати жители како умираат од глад, со мајки кои се хранат со мртвите тела на своите деца, додека родителите и децата си го грабале последниот залак храна, бидејќи болките на гладот ја уништиле природната љубов. Видел дека тврдоглавоста на Евреите, која се покажала во нивното отфрлање на Неговото спасение, ќе доведе до тоа да не се покорат на напаѓачката војска. Ја видел Голгота на која требало да биде издигнат, густо покриена со крстови како шума со дрвја. Ги видел бедните жители како страдаат на справи за мачење и како се распнати на крст, прекрасните палати разурнати, храмот во урнатини, така што од неговите масивни ѕидови не останал ниту камен на камен, додека градот бил преоран како нива. Навистина Спасителот имал причина да заплаче во душевна болка, кога ја здогледал таа ужасна сцена! {КВ 577.2}

Ерусалим бил дете за кое Тој се грижел и како што таткото тагува по својот заталкан син, така и Исус плачел над саканиот град. Како можам да се откажам од тебе? Како можам да те гледам осуден на пропаст? Дали морам да те пуштам да ја наполниш чашата на своето беззаконие? Една душа е толку драгоцена, што во споредба со неа, целиот свет станува безначаен а сега требало да биде загубен цел еден народ! Кога сонцето што брзо заоѓало ќе се изгуби од хоризонтот, ќе заврши и денот на милоста за Ерусалим. Кога поворката запрела на врвот на Маслиновата Гора сè уште не било доцна Ерусалим да се покае. Ангелот на милоста веќе ги склопувал своите крилја за да се симне од златниот престол и да го отстапи местото на правдата и казната, која бргу се приближува. Меѓутоа, Христовото големо срце на љубов сè уште се заземало за Ерусалим, кој се подбивал на Неговата милост, ги презрел Неговите опомени и сега се подготвувал да ги намокри своите раце со Неговата крв. Кога Ерусалим би се покајал, сè уште не би било доцна. Додека зраците на сонцето што заоѓало, сè уште ги осветлувале храмот, кулата и врвот, зар нема некој добар ангел да го поведе Ерусалим кон Спасителовата љубов и да ја спречи неговата пропаст? Прекрасен и несвет граду, кој каменуваше пророци, кој го отфрли Божјиот Син, кој со својата непокајаност се окова во синџири на ропството денот на твојата милост веќе е при крај! {КВ 577.3}

Сепак, Божјиот Дух повторно му проговорил на Ерусалим. Пред да заврши денот, било дадено уште едно сведоштво за Христа. Гласот на сведокот се подигнал, одѕивајќи се на повикот од пророчкото минато. Ако Ерусалим го слушне повикот, ако го прими Спасителот што влегува низ неговите порти сè уште може да биде спасен. {КВ 578.1}

До поглаварите во Ерусалим стигнале гласови дека Исус се приближува кон градот со голема поворка луѓе. Меѓутоа, тие не му подготвиле добредојде на Божјиот Син. Тие со страв Му излегле во пресрет, надевајќи се дека ќе го растераат мноштвото. Кога поворката скоро почнала да слегува од Маслиновата Гора, поглаварите ги пресретнале, распрашувајќи се за причините на таа гласна радост. Кога прашале: „Кој е тој?" учениците, исполнети со духот на вдахновение, одговарале елоквентно, повторувајќи вдахновени пророштва за Христа: {КВ 578.2}

„Адам ќе ви каже: ‘Тој е семето на жената што ќе ја рани главата на змијата’. {КВ 578.3}

Прашајте го Авраам, па ќе ви каже: ‘Тој е „Мелхиседек, цар Салимски, Цар на Мирот’”. (Создавање 14:18) {КВ 578.4}

„Јаков ќе ви каже: ‘Тој е Шајло од племето на Јуда’. {КВ 578.5}

Исаија ќе ви каже: ‘Емануел,’ ‘Прекрасен, Советник, Бог силен, Татко вечен, Кнез на мирот’”. (Исаија 7:14; 9:6) {КВ 578.6}

„Еремија ќе ви каже: ‘Изданок на Давида’, ‘Господ нашата праведност’”. (Еремија 23:6) {КВ 578.7}

„Даниел ќе ви каже: ‘Тој е Месијата’. {КВ 579.1}

Осија ќе ви каже: ‘Тој е Господ Бог над војските Јехова е Неговиот спомен’”. (Осија 12:5) {КВ 579.2}

„Јован Крстителот ќе ви каже: ‘Тој е Јагнето Божјо, Кое ги зема на Себе гревовите на светот’”. (Јован 1:29) {КВ 579.3}

„Големиот Јехова објавил од Својот престол: ‘Ова е Мојот возљубен син’”. (Матеј 3:17) {КВ 579.4}

„Ние, Неговите ученици, изјавуваме: ‘Тоа е Исус, Месијата, Кнезот на животот, Откупителот на светот’. {КВ 579.5}

А го признава и кнезот на силите на темнината, велејќи: ‘Те знам кој си Ти; Светец Божји’”. (Марко 1:24) {КВ 579.6}

64. ОСУДЕН НАРОД

Оваа поглавје е засновано на Марко 11:11-14,20,21; Матеј 21:17-19.

Христовото триумфално влегување во Ерусалим било само едно бледо навестување на Неговото доаѓање на небесните облаци, со сила и слава, сред триумфот на ангелите и радоста на верниците. Тогаш ќе се исполнат зборовите што Христос им ги упатил на свештениците и фарисеите: „Нема да ме видите отсега дури не кажете: Благословен е Оној, Кој Доаѓа во името Господово”. (Матеј 23:39) Во пророчко видение на Захарија му бил прикажан денот на конечниот триумф; и тој исто така ја опишал и осудата на оние кои Го отфрлиле Христа при Неговото прво доаѓање: „И ќе Го гледаат Оној, Кого Го прободоа; ќе плачат над Него како над единец, горко ќе Го оплакуваат како првенец”. (Захарија 12:10) Христос го видел ова, кога го набљудувал градот и плачел над него. Во привремената пропаст на Ерусалим, Тој ја видел конечната пропаст на тој народ, кој бил виновен за крвта на Божјиот Син. {КВ 580.1}

Учениците ја забележале омразата на Евреите кон Христа, но сè уште не сфатиле кон што ќе води истата. Тие не ја разбирале вистинската состојба на Израел, ниту ја разбрале казната што ќе го снајде Ерусалим. Христос им го објаснил тоа со една значајна очигледна поука. {КВ 580.2}

Последниот апел на Ерусалим бил напразен. Свештениците и поглаварите слушнале како пророчкиот глас од минатото одекнува од мноштвото, одговарајќи на прашањето: „Кој е тоа?“; меѓутоа, тие не го примиле тоа како глас на Вдахновението. Во гнев и зачуденост се обиделе да го замолчат народот. Во мноштвото се наоѓале римски офицери и непријателите го обвиниле Исуса како водач на бунт. Тие тврделе

дека Исус се подготвува да го преземе храмот и да владее како цар во Ерусалим. {КВ 580.3}

Меѓутоа, Исусовиот спокоен глас за момент го стивнал бучното мноштво, повторно објавувајќи дека не дошол да воспостави земно царство, дека наскоро ќе се вознесе кај Својот Татко и дека Неговите обвинители веќе нема да Го видат, додека повторно не дојде во слава. Тогаш тие ќе Го признаат, но ќе биде премногу доцна за нивно спасение. Исус ги изговорил тие зборови со тага и со необична сила. Римските офицери замолчиле и се покориле. Нивните срца, иако биле туѓи за божественото влијание, биле вознемирени како никогаш порано. На спокојното, свечено Исусово лице тие виделе љубов, добрина и мирно достоинство. Во нив се разбудила наклоност која не можеле да ја сфатат. Наместо да Го уапсат, тие биле склони да Му укажат поклонение. Свртувајќи се кон свештениците и поглаварите, тие ги обвиниле дека создаваат немир. Засрамени и поразени, тие поглавари се обратиле кон народот со своите поплаки и гневно се расправале меѓу себе. {КВ 581.1}

Во меѓувреме, Исус незабележано стигнал до храмот. Тука сè било мирно, бидејќи сцената на Маслиновата Гора ги привлекла луѓето. Исус кратко време останал во храмот, набљудувајќи го со тажен поглед. Потоа се повлекол со Своите ученици и се вратил во Витанија. Кога народот Го побарал за да Го постави на престолот, никој не можел да го најде. {КВ 581.2}

Исус поминал цела ноќ во молитва, а изутрината повторно дошол во храмот. Попатно поминал низ еден овоштарник со смокви. Бил гладен и „кога оддалеку виде една смоква, покриена со лисја, се приближи не би ли нашол нешто на неа. Но кога се приближи до неа, не најде ништо освен лисја, зашто уште не беше време за смокви”. {КВ 581.3}

Уште не било време за зрели смокви, со исклучок на некои места и за планинските височини околу Ерусалим навистина можело да се каже дека „уште не беше време за смокви”. Меѓутоа, во овоштарникот во кој влегол Исус, изгледало дека едно стебло е понапредно од другите. Тоа веќе било покриено со лисја. Природно е за смоквата прво да покаже плод, а потоа лист. Според тоа, дрвото кое веќе разлистало, ветувало дека веќе на него се наоѓа добро созреан плод. Меѓутоа, тоа била измама. Бидејќи пребарал на сите гранки, од најниската до највисоката, Исус не нашол „ништо освен лисја”. Тоа било само маса на претенциозни листови и ништо повеќе. {КВ 581.4}

Христос изрекол над неа проклетство. „Отсега никој довека да не јаде повеќе плод од тебе,“ рекол Тој. Следното утро, кога Спасителот со Своите ученици повторно се наоѓал на пат кон градот, исушените гранки и свенатите лисја го привлекле нивното внимание. „Учителе,“ рекол Петар, „види, смоквата што ја проколна се исушила”. {КВ 582.1}

Учениците биле изненадени што Христос ја проколнал смоквата. Ним им изгледало дека тоа не е во склад со Неговите постапки и зборови. Често ги слушале Неговите зборови дека не дошол да му суди на светот, туку светот да се спаси преку Него. Се сеќавале на Неговите зборови: „Синот Човечки не дојде да уништи човечки животи, туку да спаси”. (Лука 9:56) Неговите прекрасни дела биле да обноват и никогаш да уништат. Учениците Го познавале само како Обновител, како Исцелител. Оваа постапка била осамена. Тие се прашувале: „Каква е нејзината цел?“ {КВ 582.2}

Бог „ужива да искажува милост”. Господ вели: „Животот ми Мој, вели Господ Бог, Јас не наоѓам задоволство во смртта на безбожникот”. (Михеј 7:18; Езекиел 33:11) За Него делото на уништување и изрекување на казна е „необична работа”. (Исаија 28:21)

Меѓутоа, во Својата милост и љубов Тој го подига превезот на иднината и им ги открива на луѓето последиците од проклетството на гревот. {КВ 582.3}

Проколнувањето на смоквата всушност било практична поука. Неродната смоква, која се фалела пред Христа со своите вообразени лисја, била симбол на еврејскиот народ. Спасителот сакал јасно да им ја покаже на Своите ученици причината за неминовната пропаст на Израел. Од таа причина го украсил дрвото со морални особини и го направил толкувач на божествената вистина. Евреите горделиво се издвојувале од сите други народи, исповедајќи лојалност кон Бога. Бог им бил посебно наклонет и тие се сметале себеси поправедни од другите народи. Меѓутоа, тие биле изопачени поради љубовта кон овој свет и алчноста. Се фалеле со своето знаење, а не ги познавале Божјите барања и биле полни со лицемерие. Како неродното дрво, и тие високо ги ширеле своите вообразени гранки, раскошни според својот изглед, убави на око, но немале „ништо, освен лисја". Еврејската религија, со својот величествен храм, со своите свети олтари, со своите свештеници со своите митри, како и импресивните церемонии, навистина била убава по надворешен изглед, но и недостигале понизност, љубов и добродетелност. {КВ 582.4}

Ниедно дрво во овоштарникот немало плод, но дрвјата без лисја не давале повод за никакво очекување, ниту предизвикувале никакво разочарување. Тие дрвја ги прикажувале незнабошците. Тие биле лишени од побожноста исто како и Евреите, но не тврделе дека Му служат на Бога. Тие не се фалеле со наводна добрина. Тие биле слепи за Божјите патишта и дела. За нив тогаш сè уште не било времето за смокви. Тие сè уште го чекале денот што ќе им донесе светлина и надеж. Евреите, кои примиле поголеми благослови од Бога, биле сметани за одговорни што ги злоупотребиле тие дарови. Предностите со кои се фалеле само ја зголемувале нивната вина. {КВ 583.1}

Исус гладен и пристапил на смоквата, со цел да најде храна. Така дошол и во Израел, копнеејќи кај нив да најде плодови на праведноста. Тој изобилно ги дарувал со Своите дарови, за тие да можат да дадат плод што би бил на благослов за светот. Им биле пружени сите можности и предности, а како надомест за тоа ја барал нивната наклонетост и соработка во Своето дело на благодатта. Тој копнеел во нив да види самопожртвуваност и сочувство, ревност за Бога и длабок душевен копнеж за спасение на ближните. Кога би го држеле Божјиот закон, тие би го извршиле истото она несебично дело што го извршил Христос. Меѓутоа, горделивоста и самоувереноста ја фрлиле во сенка љубовта кон Бога и човекот. Одбивајќи да им служат на другите, тие самите себеси се осудиле на пропаст. Не ја отвориле за светот ризницата на вистината која им ја доверил Бог. Во неродната смоква можеле да го видат и својот грев и казната за гревот. Свената под проклетството на Спасителот, исушена, овената и сува до корен, таа покажувала што ќе биде со еврејскиот народ, кога ќе му биде скратена Божјата благодат. Одбивајќи да го пренесат благословот, тие веќе нема ниту да го добијат. Господ вели: „О Израеле, сам себеси се уништи". (Осија 13:9) {КВ 583.2}

Оваа опомена е за сите времиња. Проколнувајќи ја смоквата која е создадена со Неговата сила, Христос дал опомена на сите цркви и сите христијани. Никој не може да живее според Божјиот закон, а да не им служи на другите. Многумина во својот живот не се угледуваат на милостивиот, несебичен Христов живот. Некои, кои сметаат дека се одлични христијани, не сфаќаат што ја сочинува службата за Бога. Тие мислат само како да си удоволат себеси. Тие прават нешта мислејќи само на себеси. Времето за нив има вредност, само ако можат да придобијат нешто за себеси. Тоа е нивна цел во сите нивни постапки во животот. Тие си служат себеси, а не на другите. Бог ги создал за да живеат

во светот, во кој секој мора несебично да служи. Тој одредил тие да им помагаат на своите ближни на сите можни начини. Меѓутоа, нивното ,,јас“ е толку големо, што тие не гледаат ништо друго. Тие не се во допир со човештвото. Оние што живеат само за себе се слични на смоквата која се фалела со своите лисја, но била неплодна. Тие се придржуваат за верските форми без покајание и вера. Со зборови тие му оддаваат чест на Божјиот закон, но им недостига послушност. Тие зборуваат, а не творат. Во пресудата изречена на смоквата, Христос покажал Колку му е одвратно празното претендирање. Тој кажува дека отвореният грешник е помалку виновен од оној што тврди дека Му служи на Бога, а всушност не донесува плод во Негова слава. {КВ 584.1}

Параболата за смоквата, раскажана пред Христовото доаѓање во Ерусалим, непосредно е поврзана со поуката што ја дал, преколнувајќи го неродното дрво. Градинарот молел за неродното дрво во параболата: „Остави ја уште оваа година, додека не ископам околу неа и не ја наѓубрам; па ако роди, добро, а ако не, потоа ќе ја пресечеш”. На неплодното дрво требало да му се посвети поголемо внимание. Требало да му се пружи секоја предност. Меѓутоа, ако остане неплодно, ништо не може да го спаси од уништување. Во параболата не се кажува каков бил резултатот од трудот на градинарот. Тоа зависи од луѓето на кои им биле упатени Христовите зборови. Нив ги претставувало неплодното дрво и тие требало да донесат одлука за сопствената судбина. Им биле дадени сите предности кои Небото може да ги даде, но тие не ги користеле овие големи благодети. Резултатот се покажал, кога Христос ја проколнал смоквата. Тие сами ја запечатиле својата пропаст. {КВ 584.2}

Повеќе од илјада години, Евреите ја злоупотребувале Божјата милост и ги повикувале Неговите казни. Тие ги отфрлале Неговите опомени и ги убивале Неговите пророци. Придржувајќи се за тој ист пат, луѓето во Христово време биле одговорни за тие исти гревови. Во отфрлувањето на тогашната милост и опомените лежела вината на тоа поколение. Во Христово време народот уште поцврсто ги стегал околу себе синџирите, кои Евреите со векови ги ковале. {КВ 584.3}

Во секој век на луѓето им е даден период на светлина и предности, еден период на проба во кој можат да се помират со Бога. Меѓутоа, таа благодат има граници. Милоста може да се застапува со години и да е презрена и отфрлана, но доаѓа време, кога милоста се укажува последен пат. Срцето станува толку тврдо, што веќе не се одзива на Божјиот Дух. Тогаш благиот Глас, Кој придобива веќе не го преколнува грешникот, а укорите и опомените престануваат. {КВ 587.1}

Тој ден дошол за Ерусалим. Исус во душевни маки плачел поради градот осуден на пропаст, но Тој не можел да го избави, бидејќи сите извори биле исцрпени. Отфрлајќи ги опомените на Божјиот Дух, Израелците ја отфрлиле единствената помош која можела да им биде дадена. Немало никаква друга сила што би можела да ги спаси. {КВ 587.2}

Еврејскиот народ бил симбол на луѓето од сите векови, кои го презираат преколнувањето на Бесконечната Љубов. Христовите солзи, кои ги пролеал над Ерусалим, биле солзи за гревовите на сите времиња. Во казните изречени над Израел можат да се прочитаат сопствените казни на сите оние што ги отфрлаат укорите и опомените на Божјиот Свети Дух. {КВ 587.3}

Во ова поколение многумина продолжуваат по тој ист пат по кој оделе Евреите скептици. Тие виделе манифестација на Божјата сила; Светиот Дух се обраќал на нивните срца; меѓутоа, тие цврсто се придржувале за своето неверие и отпор. Бог им упатува опомени и укори, но тие не се волни да ги признаат своите грешки и ја отфрлаат

Неговата вест и Неговите гласници. Средствата кои ги употребува Бог за нивно спасение, за нив стануваат камен на сопнување. {КВ 587.4}

Отпаднатиот Израел ги мразел Божјите пророци, бидејќи преку нив биле изнесени на виделина нивните скриени гревови. Ахав го сметал Илија за свој непријател зашто пророкот го укорувал неговото скриено беззаконие. Така и денес Христовиот слуга, кој го укорува гревот, наидува на презир и одбивање. Библиската вистина, Христовата религија се бори против силната струја на моралната нечистотија. Денес, во срцата на луѓето предрасудите се многу посилни, отколку што биле во Христово време. Христос не ги исполнил очекувањата на луѓето; Неговиот живот претставувал прекор за нивните гревови и тие Го отфрлиле Него. Така и денес, вистината на Божјата Реч не е во хармонија со постапките на луѓето и на нивните природни склоности, па затоа илјадници ја отфрлаат нејзината светлина. Поттикнати од сатаната, луѓето фрлаат сомнежи врз Божјата Реч и донесуваат свој независен суд. Тие ја одбираат попрво темнината, отколку светлината, но со тоа ги изложуваат своите души на опасност. Оние, кои наоѓале грешки во Христовите зборови, секогаш наоѓале причина да го прават истото, додека не се одвратиле од Вистината и Животот. Така е и денес. Бог нема намера да ја отстрани секоја забелешка, која телесното срце може да ја изнесе против Неговата вистина. На оние што ги отфрлаат драгоцените зраци на светлината, кои би ја растерале темнината, тајните на Божјата Реч засекогаш ќе останат неоткриени. Вистината е скриена од нив. Тие одат во своето слепило и не ја гледаат пропаста пред себе. {КВ 587.5}

Христос го посматрал светот и сите векови од врвот на Маслиновата Гора и Неговите зборови се однесуваат на секоја душа што ги занемарува застапувањата на божествената милост. Тој денес ти се обраќа тебе, кој ја презираш Неговата љубов. Ти, „токму ти“ треба да знаеш што е за твојот мир. Христос пролева горчливи солзи поради тебе, ти кој не чувствуваш потреба да плачеш за себеси. Во тебе веќе се манифестира онаа фатална закоравеност на срцето, која ги уништила фарисеите. Секој доказ на Божјата благодат, секој зрак на божествената светлина или ја растопува и потчинува душата, или ја утврдува во нејзината безнадежна непокајаност. {КВ 588.1}

Исус предвидел дека Ерусалим ќе остане упорен и дека нема да се покае; но Сепак за сета вина и сите последици на отфрлената милост биле самите одговорни. Така ќе биде и со секоја душа, која оди по истиот пат. Господ објавува: „О Израеле, сам себе се уништи”. „Чуј, земјо! Еве, донесувам зло на овој народ, плод на нивните помисли, зашто тие не ги слушаа Моите зборови, го отфрлија Мојот закон”. (Осија 13:9; Еремија 6:19) {КВ 588.2}

65. ПОВТОРНО ЧИСТЕЊЕ НА ХРАМОТ

Оваа поглавје е засновано на Матеј 21:12-16, 23-46; Марко 11:15-19, 27-33; 12:1-12; Лука 19:45-48; 20:1-19.

На почетокот на Својата служба Христос ги истерал од храмот оние што го обесветувале со својата несвета трговија, а Неговиот строг и божествен став влеал страв во срцата на нечесните трговци. На крајот на Својата мисија Тој повторно дошол во храмот и видел дека тој се обесветува како и претходно. Состојбата била полоша од

порано. Надворешното предворје на храмот прилегало на голем добиточен пазар. Со извиците на животните и со остриот звекот на металните пари се мешало лутото препирање на трговците, а можеле да се слушнат и гласови на луѓе кои биле на света должност. Дури и достоинствениците на храмот се занимавале со купување и продавање и со размена на пари. Алчноста за пари толку завладеала со нивното срце, што пред Бога не биле ништо подобри од крадците. {КВ 589.1}

Свештениците и поглаварите малку ја сфаќале возвишеноста на делото што требало да го извршат. При секоја Пасха и празникот Сеници биле убивани илјадници животни, а свештениците ја земале нивната крв и ја излевале на олтарот. Евреите биле запознаени со принесувањето на крвта и речиси го изгубиле од вид фактот дека гревот е тој кој направил сето ова пролевање на животинската крв да биде потребно. Не разбрале дека со тоа на симболичен начин била прикажана крвта, која саканиот Божји Син морал да ја пролее за откуп на светот и дека принесувањето на жртвите требало да ги упати луѓето на распнатиот Спасител. {КВ 589.2}

Набљудувајќи ги невините жртви за жртвување, Исус видел дека Евреите ги претвориле тие големи собири во сцени на крвопролевање и свирепост. Наместо понизно покајание за гревот, почнале уште повеќе да принесуваат животни на жртви, како Бог да се слави со такво бездушно убивање. Себичноста и алчноста ги направиле бесчувствителни срцата на свештениците и поглаварите. Тие ги користеле токму оние симболи кои укажувале на Божјото Јагне, за да остварат заработувачка. Така, во очите на народот тоа во голема мера ја уништило светоста на жртвените обреди. Исус се огорчил; знаел дека Неговата крв, која наскоро ќе се пролее заради гревовите на светот, свештениците и старешините многу малку ќе ја ценат, како и крвта на тие животни, која постојано ја пролевале. {КВ 590.1}

Христос преку пророците одамна ја осудил ваквата пракса. Самоил истакнал: „Зар на Господа повеќе му се мили жртвите паленици и приносите, отколку послушноста кон Неговиот глас? Знај, послушноста е подобра од жртвата и покорноста е подобра од лојот од овни". Исаија, гледајќи го во пророчко видение отпадот на Евреите, им се обраќа како на поглавари на Содом и Гомор: „Чујте ја речта Господова, кнезови содомски, послушај го законот на нашиот Бог, народе гоморски! Зошто ми се вашите многу жртви? вели Господ. Сит сум од овнешките паленици и од маснотија на згоен добиток. Јас не наоѓам задоволство во крвта на биковите, јагнињата и јариња та. Кога доаѓате да се јавите пред лицето Мое, кој бара од вас да газите по Моите тремови?" „Измијте се, очистете се, отстранете ги од пред Моите очи лошите свои дела; престанете да правите зло; научете се да правите добро; стремете се кон правда, помагајте им на угнетените, заштитувајте ги сираците, заземајте се за вдовицата". (1. Самоилова 15:22; Исаија 1:10-12,16,17) {КВ 590.2}

Оној, Кој самиот ги дал тие пророштва сега ја повторил опомената за последен пат. Во согласност со пророштвото, народот Го прогласил Исуса за цар на Израел. Тој го примил нивното поклонение, ја прифатил царската должност. Морал да делува како личност на таква положба. Знаел дека Неговите напори да го реформираат изопаченото свештенство би биле напразни; меѓутоа, Неговото дело морало да биде извршено; морало да се даде доказ за Неговата божествена мисија на еден народ што не верувал. {КВ 590.3}

Со својот продорен поглед, Исус повторно поминал преку обесветениот трем на храмот. Сите погледи биле насочени кон Него. Свештениците и поглаварите, фарисеите и незнабошците со восхитеност и зачуденост го набљудувале Оној што стоел пред нив

во величественоста на небесен Цар. Божествената природа блеснала преку човечката, давајќи му на Христа достоинственост и величественост какви што никогаш порано не манифестирал. Оние што стоеле најблизу до Него, се повлекле толку колку што им дозволувало мноштвото. Со исклучок на неколку од Неговите ученици, Спасителот стоел сам. Секој глас замолкнал. Длабоката тишина изгледала неподнослива. Христос проговорил со сила што го потресла народот како силна грмотевица: „Напишано е: Мојот дом ќе се нарече дом на молитва, а вие го направивте разбојничка пештера". Неговиот глас одекнал како труба низ храмот. Незадоволството на Неговото лице изгледало како силен оган. Тој наредил со авторитет: „Носете го тоа одовде". {КВ 590.4}

Три години порано, поглаварите на храмот биле засрамени од тоа што бегале пред Неговата заповед. Подоцна се чуделе на својот страв и на своето безусловно покорување на еден понизен Човек. Сметале дека нивното недостоинствено покорување не можело да се повтори. Меѓутоа, Сепак биле исплашени повеќе од првиот пат, па брзо се покориле на Неговата заповед. Немало човек што би се осмелил да го доведе во прашање Неговиот авторитет. Свештениците и трговците побегнале од Неговото присуство, гонејќи го пред себе својот добиток. {КВ 591.1}

Излегувајќи од храмот, тие сретнале мноштво народ што одел со своите болни, прашувајќи за Големиот Исцелител. Кога слушнале што зборуваат оние што бегаат, некои од нив се вратиле назад. Се плашеле да излезат пред Оној, Кој е толку моќен, што со Својот поглед ги истерал свештениците и поглаварите од Неговото присуство. Меѓутоа, многумина се туркале низ разбрзаното мноштво, желни да стигнат до Христа, Кој бил нивна единствена надеж. Кога мноштвото избегало, мнозина останале во храмот. Ним им се придружиле придојдените. Тремот на храмот бил повторно преполн со болни и со оние на умирање и Исус уште еднаш им служеше. {КВ 592.1}

По извесно време свештениците и поглаварите се осмелиле повторно да влезат во храмот. Кога стравот исчезнал, биле желни да дознаат кој ќе биде Следниот Исусов потфат. Очекувале дека ќе го заземе Давидовиот престол. Враќајќи се тивко во храмот, слушнале гласови на мажи, жени и деца што Го славеле Бога. Влегувајќи, тие стоеле како маѓепсани пред чудесната сцена. Виделе излекувани болни, слепи на кои им бил вратен видот, глуви кои сега слушале и парализирани кои скокале од радост. Најмногу се радувале децата. Исус ги исцелил од нивните болести, ги прегрнувал со Своите раце, ги примал нивните бакнежи на благодарна љубов, а некои дури и заспале на Неговите гради додека го поучувал народот. Сега веселиот детски глас се издигал во Негова слава. Повторувале: „Осана!", како и претходниот ден и победоносно мавтале со палмови гранки пред Спасителот. Храмот одекнувал и одекнувал од нивните извици: „Благословен да е Оној, Кој доаѓа во Господово име!" „Ете, твојот Цар доаѓа при тебе; праведен е и спасува!" (Псалм 118:26; Захарија 9:9) „Осана на Давидовиот син!" {КВ 592.2}

Звукот на овие среќни и необуздани гласови ги навредувале поглаварите на храмот. Тие почнале да ги прекинуваат овие изрази на преданост. Го убедувале народот дека Божјиот дом е обесветен од детските нозе и од извиците на радост. Бидејќи виделе дека нивните зборови немаат никакво влијание на народот, поглаварите Му се обратиле на Христа: „Слушаш ли што зборуваат овие? А Исус им рече: Да; зар никогаш не сте читале: Од устата на младенците и доенчињата си приготви Себеси фалба?" Пророштвото предвидело дека Христос ќе биде прогласен за цар и таа реч морала да се исполни. Свештениците и поглаварите на Израел не сакале да ја огласат Неговата слава, па Бог направил децата да бидат Негови сведоци. Кога и гласовите на тие

малечки би замолкнале, столбовите на храмот би повикале, славејќи го Спасителот. {КВ 592.3}

Фарисеите биле целосно збунети и вознемирени. Власта ја имал Оној, Кого не можеле да го исплашат. Исус зазел положба на чувар на храмот. Никогаш порано не присвојувал таква царска власт. Никогаш порано Неговите зборови и Неговите дела немале таква голема сила. Тој правел чудесни дела во Ерусалим, но никогаш на толку свечен и впечатлив начин. Свештениците и поглаварите не се осмелувале да го покажат своето отворено непријателство кон Него во присуство на луѓето кои биле сведоци на Неговите чудесни дела. Иако лути и збунети од Неговиот одговор, тој ден не можеле да сторат ништо. {КВ 593.1}

Следното утро Синедрионот повторно разгледувал што треба да се преземе против Исуса. Три години пред тоа, тие барале од Него да им даде некој доказ за Своето месијанство. Оттогаш, Тој извршил силни дела во целата земја. Исцелувал болни, хранел на чудесен начин илјадници луѓе, одел по бранови и со Своите зборови ја стивнал бурата. Повеќепати ги читал човечките срца како отворена книга, ги изгонувал демоните и воскреснувал мртви. Поглаварите имале пред себе докази за Неговото месијанство. Сега одлучиле да не бараат знаци на Неговиот авторитет, туку да извлечат некое признание или изјава врз основа на која би можеле да Го осудат. {КВ 593.2}

Појавувајќи се повторно во храмот, каде што Тој го поучувал народот, тие почнале да Му поставуваат прашања: „Со каква власт го правиш тоа? Кој ти ја даде таа власт?“ Се надевале дека Тој ќе каже дека има власт од Бога. Имале намера да го негираат тоа Негово тврдење. Меѓутоа, Исус им поставил прашање, кое навидум се однесувало на друг предмет, условувајќи го својот одговор со тоа дали тие ќе одговорат на прашањето. Тој рекол: „Од каде беше Јовановото крштавање? Од небото или од луѓето?“ {КВ 593.3}

Свештениците сфатиле дека се наоѓаат во дилема од која со никаква итрина не можат да се извлечат. Ако кажат дека Јовановото крштавање е од Небото, нивната недоследност ќе стане очигледна. Тогаш Христос ќе им го постави прашањето: „Зошто тогаш не поверувавте во него?“ Јован сведочел за Христа: „Еве го Божјото јагне, Кое ги зема на Себе гревовите на светот”. (Јован 1:29) Доколку свештениците верувале во Јовановото сведоштво, како би можеле да негираат дека Христос е Месија? Кога би го искажале своето вистинско верување, дека Јовановото крштавање е од луѓето, би навлекле на себе бура на огорченост, бидејќи народот верувал дека Јован е пророк. {КВ 593.4}

Мноштвото со голем интерес го очекувало расплетот. Луѓето знаеле за тврдењето на свештениците дека тие ја прифаќаат Јовановата служба, па очекувале дека без приговор ќе изјават дека Тој бил испратен од Бога. Откако тајно се посоветувале, свештениците одлучиле јавно да не заземат положба. Лицемерно исповедајќи незнаење, тие рекле: „Не знаеме”. „Ни Јас не ви кажувам со каква власт го вршам ова,“ рекол Исус. {КВ 594.1}

Книжевниците, свештениците и поглаварите замолкнале. Збунети и разочарани, стоеле намуртени, не осмелувајќи се да му поставуваат понатамошни прашања на Христа. Со својата плашливост и неодлучност, во голема мера ја изиграле почитта кај народот што стоел околу нив, уживајќи што го гледа поразот на тие горделиви и самоправедни луѓе. {КВ 594.2}

Секој збор и секоја Христова постапка имаат значење и нивното влијание се чувствувало во сè поголема мера по Неговото распнување и вознесение. Многумина од оние што желно очекувале како ќе заврши испитувањето на Исуса, конечно станале

Негови ученици, бидејќи за прв пат кон Него ги привлекле зборовите што ги изговорил во тој значаен ден. Настанот во дворот на храмот никогаш нема да избледи од нивниот ум. Спротивноста помеѓу Исуса и првосвештениците била очигледна додека тие разговарале. Горделивиот големодостојник на храмот носел на себе богата и скапоцена облека. На главата имал блескава круна. Држењето му било величествено, косата и долгата брада биле посребрени од годините. Неговата појава влевала почит. Пред таа личност со голема чест стоело небесното Височество, без украс и раскош. Облеката му била валкана од патувањето, лицето Му било бледо и изразувало трпелива жалост, но на него биле запишани достоинство и добрина кои чудно се разликувале од гордото, самоуверено и гневно првосвештеничко држење. Многумина од оние што биле сведоци на Исусовите зборови и дела во храмот, од тој момент го востоличиле Него во своето срце како Божји пророк. Но, додека народната наклонетост се свртувала кон Исуса, омразата на свештениците станувала сè посилна. Мудроста со која ја избегнал стапицата што била поставена пред Неговите нозе, уште повеќе го зголемил нивниот гнев, бидејќи била нов доказ за Неговата божествена природа. {КВ 594.3}

Во Својот судир со рабините, Христос немал намера да ги понизи Своите противници. Не му било мило што се нашле во незгодна положба. Сакал да им даде уште една значајна поука. Тој ги поразил Своите непријатели, доведувајќи ги во ситуација да се фатат во мрежата што Нему му ја поставиле. Признавајќи го своето незнаење во поглед на карактерот на Јовановото крштавање, тие Му дале можност да зборува, а Тој ја искористил таа можност укажувајќи им на нивната вистинска состојба и додавајќи со тоа уште една опомена, покрај многуте што веќе ги дал. {КВ 594.4}

„Што мислите вие?“ рекол Тој. „Еден човек имаше два сина и му пристапи на првиот, па му рече: Сине, оди и работи денес во моето лозје. Тој му одговори: Не сакам; но потоа се покаја и отиде. Тогаш му пристапи на другиот и му го кажа истото. А тој му одговори: Ќе одам господару; но не отиде. Кој од овие двајца ја исполни волјата на таткото?“ {КВ 595.1}

Ова ненадејно прашање ги нашло неподготвени Неговите слушатели. Тие внимателно ја следеле параболата и без размислување одговориле: „Првиот”. Насочувајќи го Својот поглед кон нив, Исус рекол со строг и свечен глас: „Навистина ви велам, цариниците и блудниците пред вас влегуваат во Божјото царство. Зашто дојде кај вас Јован по праведен пат и не му поверувавте, а му поверуваа цариниците и блудниците. А вие, иако го видовте тоа, не се покајавте отпосле за да му поверувате”. {КВ 595.2}

Свештениците и поглаварите не можеле, а да не дадат исправен одговор на Христовото прашање и така нивното мислење било во полза на првиот син. Тој син ги претставувал цариниците, кои фарисеите ги презирале и ги мразеле. Цариниците биле мошне неморални. Тие навистина биле престапници на Божјиот закон, покажувајќи во своите животи непоколеблив отпор на Неговите барања. Тие биле неблагодарни и несвети. Кога им било кажано да одат и да работат во Господовото лозје, тие одбиле со презир. Но кога дошол Јован и проповедал покајание и крштевање, цариниците ја примиле неговата вест и се крстиле. {КВ 595.3}

Вториот син ги претставувал водачите на еврејскиот народ. Некои фарисеи се покајале и го примиле Јовановото крштавање, но водачите не сакале да признаат дека Јован бил испратен од Бога. Неговите опомени и разобличувања не ги навеле да се реформираат. Тие „го отфрлиле Божјиот совет за нив, и не се крстија од него”. (Лука 7:30) Тие ја презреле неговата вест. Како вториот син, кој, кога бил повикан, рекол:

„Одам, господаре,“ но не отишол, свештениците и поглаварите исповедале послушност, но биле непослушни. Тие исповедале голема побожност, тврделе дека се покоруваат на Божјиот закон, но нивната послушност била лажна. Фарисеите ги осудувале и ги преколнувале цариниците како неверници, но со својата вера и со своите дела цариниците покажале дека одат кон небесното царство пред тие самоправедни луѓе, на кои им била дадена голема светлина, но чии дела не одговарале на нивното исповедање на побожност. {КВ 595.4}

Свештениците и поглаварите не сакале да ги поднесуваат тие вистини, но Сепак молчеле, надевајќи се дека Исус ќе каже нешто што тие би можеле да го употребат против Него. Меѓутоа, морале да слушнат повеќе од тоа. {КВ 596.1}

„Чујте друга парабола,“ рекол Христос, „Беше еден човек домаќин кој посади лозје, го загради со плот, и ископа во него јама за гмечење на грозјето, направи кула и откако им го предаде на лозарите замина во далечна земја. А кога настапи време на берба, ги прати своите слуги кај лозарите да ги примат неговите плодови. А лозарите ги фатија неговите слуги и едниот го претепаа, другиот го убија, а третиот го посилаа со камења. Повторно прати други слуги, повеќе од првите, но и со нив постапија на ист начин. Најпосле го прати кај нив својот син велејќи: Ќе имаат стравопочит спрема мојот син; но лозарите, кога го видоа синот, си рекоа меѓу себе: Овој е наследник, ајде да го убиеме, и да го присвоиме неговото наследство. И го фатија, па го изведоа надвор од лозјето и го убија. Кога ќе дојде господарот на лозјето, како ќе постапи со тие лозари?“ {КВ 596.2}

Исус им се обратил на сите присутни, но свештениците и поглаварите одговориле: „Злосторниците тој бедно ќе ги погуби,“ кажале, „а лозјето ќе им го даде на други лозари кои ќе му ги даваат плодовите во свое време”. Тие во прв момент не ја сфатиле примената на оваа парабола, но тогаш виделе дека самите себеси си изрекле пресуда. Во параболата домаќинот го претставувал Бога, лозјето еврејскиот народ, а оградата Божјиот закон, кој бил нивна заштита. Кулата била симбол на храмот. Господарот на лозјето направил сè што било потребно за лозјето да напредува. Тој рекол: „Што можев да сторам за моето лозје, а што веќе не сум сторил?“ (Исаија 5:4) На тој начин е прикажано како Бог неуморно се грижи за Израел. И како што лозарите морале да му вратат на господарот одреден дел од плодовите од лозјето, така Божјиот народ требало да му оддава чест и слава на Бога, живеејќи во сообразност со нивните свети привилегии. Меѓутоа, како што лозарите ги убиле слугите што господарот ги испратил по плодовите, така Евреите ги убиле пророците кои Бог ги испратил за да ги повикаат на покајание. Тие убивале еден гласник по друг. Според тоа, не можело да се сомнева во смислата на приказната, а исто така било очигледно на што се однесува другиот дел од приказната. Во саканиот син, кого господарот на лозјето го испратил кај своите непослушни слуги, кого тие го убиле, свештениците и поглаварите јасно го виделе Исуса и судбината што Му претстои. Тие веќе ковале планови да го убијат Оној, Кого Таткото им го испратил како последен повик. Во казната што ги снашла неблагодарните лозари е прикажана судбината на оние кои подготвувале план да Го убијат Христа. {КВ 596.3}

Набљудувајќи ги со сожалување, Спасителот продолжил: „Зар никогаш не сте читале во Писмата: Каменот што го отфрлија градителите стана глава на аголот; тоа е дело Господово и прекрасно е во нашите очи? Затоа ви велам дека Божјото царство ќе се земе од вас и ќе му се даде на народ што ги принесува неговите плодови. Оној што ќе падне на овој Камен, ќе се разбие; а врз кого ќе падне тој, ќе го здроби”. {КВ 597.1}

Ова пророштво Евреите често го повторувале во синагогите, применувајќи го на Месијата што ќе дојде. Христос бил аголен камен на еврејскиот систем и на целиот план

на спасение. Свештениците и поглаварите на Израел сега го отфрлале тој аголен камен. Спасителот им обрнал внимание на пророштвата, кои покажуваат во каква опасност се наоѓаат. Со сите средства со кои располагал, Тој се обидувал јасно да им ја прикаже природата на делото, кое се подготвувале да го извршат. {КВ 597.2}

Неговите зборови имале и друга цел. Кога прашал: „Кога ќе дојде господарот на лозјето, како ќе постапи со овие лозари?“ Христос ги планирал нештата на начин за фарисеите да одговорат онака како што одговориле. Тој планирал тие сами да се осудат. Бидејќи Неговите опомени не успеале да ги наведат на покајание, нивната судбина била запечатена, а Тој сакал тие да увидат дека сами навлекле пропаст на себе. Тој сакал да им покаже дека Бог е праведен со тоа што ќе им ги скрати предностите што ги уживал нивниот народ, кое веќе започнало и кое ќе заврши не само со уништување на нивниот храм и нивниот град, туку со целосно национално расејување. {КВ 597.3}

Оние што слушале, ја сфатиле опомената. Меѓутоа, и покрај пресудата што сами на себе си ја изрекле, свештениците и поглаварите биле подготвени да ја дополнат сликата, велејќи: „Овој е наследник, ајде да го убиеме”. „И тие настојуваа да Го фатат, но се плашеа од народот,“ зашто народот бил наклонет кон Христа. {КВ 597.4}

Наведувајќи го пророштвото за отфрлениот камен, Христос споменал еден вистинит настан од историјата на Израел. Тој настан се случил при sидањето на првиот храм. Иако тој настан имал посебно значење при првото Христово доаѓање и иако требало посебно да влијае на Евреите, Сепак тој содржи една поука и за нас. Кога бил sидан Соломоновиот храм, огромните камења за sидовите и темелите биле целосно подготвени во каменоломот. Кога камењата биле донесени на градилиштето, никаков алат не смеел да се употреби на него, туку sидарите требало да го стават секој камен на одредено место. Еден камен со невообичаена големина и чуден облик бил донесен за темелот. Меѓутоа, sидарите не можеле да најдат место за тој камен и го тргнале на страна. Тој пречел, бидејќи неупотребен лежел на патот. Овој камен долго бил отфрлен. Но, кога дошло време да го вградат аголниот камен, sидарите долго барале камен што ќе биде доволно голем и цврст и со соодветен облик за да го стават на тоа посебно место, бидејќи тој камен морал да носи огромна тежина. Доколку лекомислено одбрале камен за тоа важно место, би ја изложиле на опасност целата зграда. Тие морале да најдат камен што може да одолее на влијанието на сонцето, мразот и бурата. Затоа одбрале неколку камења, но под огромната тежина тие камења биле скршени на ситни парчиња. Други не можеле да им се спротивстават на неочекуваните атмосферски промени. Конечно, sидарите обрнале внимание на каменот, кој толку долго бил отфрлен. Тој постојано бил изложен на влијанието на сонцето, воздухот и бурата, но не покажувал ниту најмала пукнатина. Sидарите почнале да го прегледуваат и тој ги издржал сите проби освен една. Ако ја издржи пробата на голем притисок, тие одлучиле да го употребат како аголен камен. Таа проба била извршена. Каменот издржал; бил донесен на одреденото место и се видело дека точно се вклопува. Во пророчко видение, на Исаија му било укажано дека тој камен симболично Го прикажува Христа. Тој вели: {КВ 597.5}

„Господ над војските Тој нека ви биде свет; и Тој нека биде ваш страв и ваш трепет. Тој ќе ви биде за светилиште, камен за сопнување и карпа на соблазна за двата дома Израелеви, стапица и мрежа за сите Ерусалимци. Мнозина од нив ќе се сопнат и паднат, ќе се скршат, ќе се заплеткаат во стапица и ќе се фатат”. Во пророчко видение пророкот го видел првото Христово доаѓање и му било покажано дека Христос ќе биде изложен на проби и тестови, проби кои симболично се прикажани со аголниот камен на

Соломоновиот храм. „Затоа вака вели Господ Бог: Еве, поставувам на Сион темел, камен, камен испитан, драгоцен аголен камен, сигурен темел. Оној што верува во него, нема да пропадне”. (Исаија 8:13-15; 28:16) {КВ 598.1}

Во Својата бесконечна мудрост, Бог одбрал камен темелник и сам го поставил. Тој го нарекол „сигурен темел”. Цел свет може на него да ги стави своите товари и таги тој камен може сето тоа да го поднесе. Целосно е безбедно да се sида на него. Христос е „испробан камен”. Тој никогаш не ги разочарува оние што се надеваат во Него. Тој ги издржал сите проби. Тој го издржал притисокот на Адамовата вина и на целокупното негово потомство и бил повеќе од победник над силите на злото. Тој го носел товарот кој го префрлиле на Него сите грешници што се каат. Грешното срце во Христа наоѓа олеснување. Тој е сигурен темел. Сите, на кои Христос им е надевање, уживаат совршена сигурност. {КВ 598.2}

Во пророштвото на Исаија пишува дека Христос е и сигурен темел и камен на сопнување. Пишувајќи според вдахновение на Светиот Дух, апостол Петар јасно покажува за кого Христос е камен темелник, а за кого карпа за соблазна: {КВ 599.1}

„Бидејќи вкусивте дека Господ е добар. Пристапете кон Него, живиот Камен, Кого навистина, луѓето го отфрлија, но од Бога одбран, драгоцен; и вие самите како живи камења, се изградувате во духовна куќа, свето свештенство што ќе принесува духовни и на Бога угодни жртви преку Исуса Христа. Зашто на едно место во Писмото стои: Еве, поставувам на Сион главен камен темелник, одбран, драгоцен; и кој верува во него, нема да се посрами. За вас кои верувате Тој е драгоцен: но за оние кои не веруваат, каменот што го отфрлија градителите токму тој стана камен темелник, и камен за сопнување и стена за соблазна, за оние кои се сопнуваат на Речта, затоа што не и се покоруваат”. (1. Петрово 2:3-8) {КВ 599.2}

За оние што веруваат Христос е сигурен темел. Тоа се оние кои паѓаат на Карпата и се разбиваат. Овде е прикажана покорноста кон Христа и верата во Него. Да паднеме на карпата и да се разбиеме значи да се откажеме од нашата самоправедност и со детска понизност да одиме кај Христа, да се покаеме за нашите гревови и да веруваме во Неговата љубов која простува. Исто така, преку верата и послушноста, ние sидаме на Христа како на свој темел. {КВ 599.3}

На тој жив Камен можат подеднакво да sидаат и Евреите и незнабошците. Тоа е единствен темел на кој можеме да sидаме без опасност. Тој е доволно широк за сите и доволно силен да го издржи притисокот и товарот на целиот свет. Поврзувајќи се со Христа Живиот Камен сите што sидаат на тој темел стануваат живи камења. Многу луѓе со својот личен труд се изделкани, измазнети и разубавени, но не можат да станат „живи камења,“ бидејќи не се поврзани со Христа. Без таа врска никој не може да биде спасен. Ако во нас нема Христов живот, не можеме да одолееме на бурите на искушенијата. Нашата вечна безбедност зависи од тоа дали sидаме на сигурен темел. Мноштва денес sидаат на темели кои не се испробани. Кога ќе падне дожд и кога ќе навалат бури и поплави, нивната куќа ќе се сруши, бидејќи не е втемелена на вечната Карпа на главниот темелен Камен, Исуса Христа. {КВ 599.4}

За оние „кои се сопнуваат на Речта, затоа што не и се покоруваат,“ Христос е карпа на сопнување. Но „каменот што го отфрлија градителите токму тој стана темелен камен”. Како и отфрлениот камен, Христос во Својата земна мисија бил занемаруван и злоставуван. Тој беше „презрен, отфрлен од луѓето, човек на болката, запознаен со тагата... Тој беше презрен и ние за ништо не го сметавме”. (Исаија 53:3) Но се приближувало времето кога Тој ќе биде прославен. Преку воскресението од мртвите,

Тој ќе биде објавен „за Божји Син со сила”. (Римјаните 1:4) При Своето второ доаѓање, Тој ќе се открие како Господ на Небото и Земјата. Оние што се подготвувале да Го распнат, ќе ја признаат Неговата големина. Пред цела вселена, отфрлениот камен ќе стане главен камен темелник. {КВ 600.1}

И „врз кого ќе падне тој, ќе го сомеле во прав”. Луѓето кои Го отфрлиле Христа, наскоро ќе го видат уништувањето на својот град и на својот народ. Нивната слава ќе биде уништена и ќе биде разнесена како прав пред ветерот. А што е тоа што ги уништувало Евреите? Тоа била Карпата која, кога би граделе на неа, би била нивна сигурност. Тоа била Божјата добрина што ја презреле, праведноста што ја отфрлиле, милоста што ја занемариле. Луѓето му се спротивставиле на Бога и сè она што било за нивно спасение, се свртило во нивно уништување. Виделе дека сè она што Бог го одредил за живот, за нив станало за смрт. Еврејското распнување на Христа било поврзано со унишувањето на Ерусалим. Крвта пролеана на Голгота била тежина која ги потонала во пропаст не само за овој, туку и за идниот живот. Така ќе биде и во последниот завршен ден, кога казна ќе ги снајде оние што ја отфрлиле Божјата благодат. Христос нивната карпа на соблазна тогаш ќе им изгледа како одмаздлива планина. Славата што се одразува на Неговото лице, која претставува живот за праведниците, за безбожниците ќе биде оган на уништување. Грешниците ќе бидат уништени затоа што ја отфрлиле љубовта и ја презреле благодатта. {КВ 600.2}

Со многу илустрации и повторени опомени Исус им покажал на Евреите што ги чека затоа што Го отфрлиле како Божји Син. Со тие зборови Тој им се обратил на сите во сите векови, кои одбиваат да Го примат како свој Спасител. Ним им се наменети овие опомени. Обесветениот храм, непослушниот син, лажните лозари, презривите градители, имаат своја копија во искуството на секој грешник. Ако грешникот не се покае, ќе ја доживее судбината која тие ја претскажуваат. {КВ 600.3}

66. СУДИР

Оваа поглавје е засновано на Матеј 22:15-46; Марко 12:13-40; Лука 20:20-47.

Свештениците и поглаварите молчеле и ги слушале Христовите директни укори. Тие не можеле да ги негираат Неговите обвинениј а. Токму затоа станале порешителни да Го фатат во стапица и со таа цел испратиле шпиони, кои „се правеа праведни за да Го фатат во некој збор, па да можат да Го предадат на началството и на власта на управителот”. Не испратиле стари фарисеи кои Исус честопати ги среќавал, туку огнени и ревни млади луѓе кои, како што сметале, Христос не ги познавал. Нив ги придружувале некои Иродовци, чија должност била да ги слушаат Христовите зборови, за да можат да сведочат против Него на Неговото судење. Фарисеите и Иродовците биле огорчени непријатели, но во своето непријателство кон Христа биле единствени. {КВ 601.1}

Фарисеите секогаш биле иритирани што морале да платат данок на Римјаните. Тие сметале дека плаќањето данок е во спротивност со Божјиот закон. Сега помислиле дека им се дава можност да Му постават стапица на Исуса. Шпионите дошле кај Него и правејќи се дека се искрени, како да сакаат да дознаат што им е должност, рекле: „Учителе, знаеме дека право зборуваш и учиш и не гледаш кој е кој, туку вистински поучуваш за патот Божји. Дали е дозволено да даваме данок на ќесарот или не?“ {КВ 601.2}

Кога би биле искрени, зборовите „знаеме дека право зборуваш и учиш,“ би биле извонредно признание. Меѓутоа, тие го кажале тоа за да Го измамат; без оглед на тоа, ова сведоштво било вистинито. Фарисеите знаеле дека Христос зборува и учи право, па ќе бидат судени според нивното сведоштво. {КВ 602.1}

Оние што го поставиле тоа прашање на Исуса, мислеле дека доволно ја прикриле својата намера, меѓутоа Исус ги читал нивните срца како отворена книга и го објавил нивното лицемерство. „Зошто Ме искушувате?“ рекол, давајќи им со тоа знак што не го барале и покажувајќи дека ја прочитал нивната тајна намера. Тие уште повеќе се збуниле кога додал: „Покажете Ми една пара од данокот”. Тие Му донеле Тој ги прашал: „И им рече: „Чиј е овој лик и потпис?” Тие одговорија: „На царот”. Тогаш им рече: „Подајте го царевото на царот, а Божјото на Бога”. {КВ 602.2}

Шпионите се надевале дека Исус директно ќе одговори на прашањето, на еден или на друг начин. Кога би рекол дека давањето данок е спротивно на законот, тие би Го пријавиле на римските власти и би Го уапсиле за подигање бунт. Меѓутоа во случајот, кога би изјавил дека плаќањето данок е во согласност со законот, тие би Го обвиниле пред народот дека се спротивставува на Божјиот закон. Се чувствувале збунети и поразени. Нивните планови биле срушени. По кратката постапка со која бил даден одговор на нивното прашање, тие веќе немале што да кажат. {КВ 602.3}

Христовиот одговор не бил никакво одбегнување, туку отворен одговор на прашањето. Држејќи во раката кована монета на која бил ликот и името на Цезарот, Тој изјавил дека, бидејќи живеат под заштита на римската сила, тие треба на таа сила да и даваат потпора која се барала од нив, сè додека тоа не се судри со повозвишената должност. Меѓутоа, додека мирољубиво им се покоруваат на земните закони, тие секогаш прво треба да ја дадат својата лојалност на Бога. {КВ 602.4}

Зборовите на Спасителот: „Дајте му го... Божјото на Бога“ биле остар укор упатен до Евреите сплеткари. Кога верно би ги исполнувале своите обврски кон Бога, тие не би биле победен народ, потчинет на една туѓа сила. Ниту едно римско знаме не би се веело над Ерусалим, ниту на неговите капии би се наоѓале римски стражи, ниту римскиот намесник би владеел меѓу неговите sидини. Еврејскиот народ тогаш плаќал казна заради својот отпад од Бога. {КВ 602.5}

Кога фарисеите го слушнале Христовиот одговор, „се зачудија и оставајќи Го си заминаа”. Тој го укорил нивното лицемерие и вообразеност и истовремено изложил едно големо начело, начело кое јасно ги одредува границите меѓу должностите на човекот кон органите на државните власт и должноста кон Бога. Во умовите на многу луѓе било решено едно спорно прашањето. По оваа средба, секогаш се придржувале кон вистинското начело. Иако многумина си заминале незадоволни, сфатиле дека начелото кое лежи во основа на ова прашање било јасно изложено, па се восхитувале на Христовата голема остроумност. {КВ 602.6}

Кога фарисеите замолкнале, истапиле садукеите со своите лукави прашања. Овие две партии биле во огорчен судир. Фарисеите строго се придржувале на традициите. Многу внимавале на надворешните обреди, биле грижливи во поглед на миењето, постот и долгите молитви и давале милостина со цел да бидат забележани. Меѓутоа, Христос рекол дека го нарушиле Божјиот закон поучувајќи науки што се човечки заповеди. Како група, имале предрасуди и биле лицемери; меѓутоа, меѓу нив имало и луѓе кои покажувале вистинска побожност, кои го прифатиле Христовото учење и станале Негови ученици. Садукеите ги отфрлиле традициите на фарисеите. Исповедале дека веруваат во поголемиот дел од Светото Писмо и ги сметале дека се принципи

според кои треба да се постапува, но практично биле скептици и материјалисти. {КВ 603.1}

Садукеите го негирале постоењето на ангелите, воскресението на мртвите и доктрината за идниот живот со неговите награди и казни. На сите овие точки тие се разидувале со фарисеите. Воскресението било посебен предмет на расправа помеѓу двете страни. Фарисеите цврсто верувале во воскресение, но во тие дискусии, нивните погледи за идниот живот станувале нејасни. Смртта за нив била необјаснива тајна. Нивната неспособност да одговорат на аргументите на садукеите создало постојана расправа. Дискусиите помеѓу двете страни вообичаено прераснувале во гневни расправии, кои уште повеќе ги раздвојувале. {КВ 603.2}

Садукеите далеку заостанувале бројно зад своите противници и немале толку силно влијание на народот, но многумина од нив биле богати и го имале влијанието кое го дава богатството. Во нивните редови се наоѓале повеќето свештеници меѓу кои вообичаено бил биран првосвештеникот. Меѓутоа, тој бил биран под услов да не дава многу израз на своите скептични мислења. Бидејќи фарисеите биле многубројни и повлијателни, тогаш кога држеле свештеничка служба, било неопходно за садукеите надворешно да се согласат на нивните учења, но фактот дека биле избирани на такви должности, им придавал значење на нивните заблуди. {КВ 604.1}

Садукеите го отфрлиле Исусовото учење. Тој бил вдахновен од дух за кој тие не верувале дека ќе се манифестира на таков начин, а Неговото учење за Бога и за идниот живот било во спротивност со нивните теории. Тие верувале во Бога како во единствено суштество кое е повозвишено од човекот, но разубедувале дека Провидението што владее со сè и божественото предзнаење би го лишиле човекот од неговата слободна волја и би го унизиле до ниво на роб. Учеле дека Бог, откако го создал човекот, го препуштил самиот на себе, така што сега е независен од некоја повозвишена сила. Тврделе дека човекот е во состојба слободно да го води својот живот и им дава насока на настаните во светот, дека неговата судбина е во негови раце. Негирале дека Божјиот Дух работи преку човечките суштества или по природен пат. Сепак верувале дека човекот е во состојба да се возвиши и просветли со правилно искористување на своите природни сили; дека може да го очисти својот живот преку тешки и строги правила. {КВ 604.2}

Нивните поими за Бога влијаеле на нивниот карактер. Според нивно мислење, Бог не се интересира за човекот, затоа тие имале малку почит еден кон друг и меѓу нив имало малку заедништво. Бидејќи не го признавале влијанието на Светиот Дух врз постапките на човекот, во нивниот живот недостасувала Неговата сила. Како и останатите Евреи, тие многу се гордееле со правата кои им припаѓаат уште од раѓањето, како Авраамови деца и со строгото придржување на барањата на законот, но биле лишени од вистинскиот дух на законот, од Авраамовата вера и добродетелството. Нивната љубов опфаќала еден тесен круг. Тие сметале дека секој може да ги обезбеди удобностите и благословите на животот, а потребите и страдањата на другите не влијаеле на нивните срца. Тие живееле само за себе. {КВ 604.3}

Со Своите зборови и дела Христос сведочел за божествената сила, која произведува натприродни резултати, за идниот живот по сегашниот живот, за Бога како Татко на сите луѓе, Кој секогаш се грижи за она што е најдобро за нив. Тој го открил делувањето на божествената сила во добродетелството и сочувството, укорувајќи ја така себичната исклучивост на садукеите. Тој учел дека Бог со Својот Свет Дух делува на срцето за човековото овоземно и вечно добро. Покажал колку е погрешно да се надева во

човечката сила за преобразба на карактерот, бидејќи тоа може да го изврши единствено Божјиот Дух. {КВ 605.1}

Садукеите одлучиле да го дискредитираат ова учење. Барајќи повод за судир со Исуса, биле убедени дека ќе успеат да Го оцрнат, дури и ако не им тргне од рака да издејствуваат Негова осуда. Одлучиле да Му постават прашање што се однесува на воскресението. Ако се согласи со нив, со тоа уште повеќе ќе им замери на фарисеите. Ако не се согласи, планирале да го изложат на потсмев Неговото учење. {КВ 605.2}

Според мислењето на садукеите, ако телото е составено од истите честички на материјата во својата бесмртна, како и во својата смртна состојба, тогаш тоа, кога ќе воскресне, ќе има крв и месо и ќе мора и во вечниот свет да го продолжи животот што прекинал на Земјата. Во тој случај тие заклучиле дека земните односи повторно ќе се воспостават, мажот и жената повторно ќе се соединат, браковите ќе се обноват и сè ќе тече исто како и пред смртта; а слабостите и страстите на овој живот ќе продолжат во животот што ќе настапи. {КВ 605.3}

Одговарајќи на нивното прашање, Исус ја подигнал завесата од идниот живот. „По воскресението," рекол Тој, „ниту ќе се женат, ниту ќе се мажат, туку ќе бидат како Божјите небесни ангели". Тој покажал дека садукеите имаат погрешно верување. Ставовите од кои поаѓале биле погрешни. Тој додал: „Во заблуда сте, зашто не ги знаете ниту Писмата, ниту силата Божја". Не ги обвинувал како што ги обвинувал фарисеите, за лицемерство, туку за погрешно верување. {КВ 605.4}

Садукеите си ласкале себеси дека од сите луѓе најстрого се придржувале за Светото Писмо. Меѓутоа, Исус покажал дека тие не ја сфатиле неговата вистинска смисла. За да се сфати тоа, срцето морало да биде просветлено од Светиот Дух. Тој рекол дека тие не го познаваат Светото Писмо и Божјата сила и дека тоа е причина за нивната збунетост во верата и темнината на умот. Тие се обидувале со својот ограничен разум да допрат до Божјите тајни. Христос ги повикал да ги отворат своите умови за оние свети вистини, кои го прошируваат и зајакнуваат сфаќањето. Илјадници и илјадници стануваат неверници, бидејќи нивниот ограничен разум не може да ги разбере Божјите тајни. Тие не можат да ги објаснат чудесните откровенија на Божјата сила, кои се манифестираат во Неговото провидение и затоа ги отфрлаат доказите за таа сила и ги припишуваат на природните сили, кои уште помалку можат да се сфатат. Единствен клуч за тајните што не опкружуваат е сознанието дека во сите нив се манифестира Божјата сила и присуство. Луѓето треба да го признаат Бога како Творец на вселената, како Оној, Кој им заповеда и ги извршува сите нешта. Потребно е луѓето да имаат поширок поим за Неговиот карактер и за тајната на Неговата сила. {КВ 605.5}

Христос им рекол на Своите слушатели дека Светото Писмо, во кое тие тврдат дека веруваат, не би имало никаква полза, ако нема воскресение на мртвите. Тој рекол: „Што се однесува до воскресението на мртвите, зар не сте читале што ви рекол Бог: Јас сум Бог Авраамов, Бог Исаков и Бог Јаковов? Бог не е Бог на мртвите, туку на живите". Она што не постои, Бог го смета како да постои. Тој го гледа крајот уште од почеток и ги гледа резултатите на Своето дело, како веќе да е остварено. Достојните мртви, започнувајќи од Адам, па до последниот верник што ќе умре, ќе го слушнат гласот на Божјиот Син, ќе излезат од гробовите и ќе наследат вечен живот. Бог ќе биде нивен Бог и тие ќе бидат Негов народ. Меѓу Бога и воскреснатите верници, ќе постои Близок и нежен однос. Тоа е предвидено во Неговиот план и Тој го гледа тоа како веќе да постои. Мртвите живеат во Него. {КВ 606.1}

Христовите зборови ги замолчеле садукеите. Тие не можеле да Му одговорат. Не бил изговорен ниту еден збор што би можел да се искористи како осуда против Него. Неговите противници не придобиле ништо друго освен презир од народот. {КВ 606.2}

Фарисеите Сепак сè уште не се откажале да го наведат Исуса да каже нешто што тие би можеле да го искористат за да го осудат. Тие убедиле еден учен книжник да го запраша Исуса за тоа кој од десетте начела на законот бил од најголема важност. {КВ 606.3}

Фарисеите ги возвишиле првите четири заповеди, кои укажуваат на должноста на човекот кон Творецот, како да имаат многу поголемо значење од останатите шест, кои ги одредуваат должностите на човекот кон ближните. Поради тоа, на нив мошне многу им недостигала практична побожност. Исус им укажал на луѓето на нивниот голем недостаток и ги поучувал за неопходноста на добри дела, велејќи дека дрвото се познава според своите плодови. Од таа причина, тие Го обвиниле дека ги издига вторите шест заповеди над првите четири. {КВ 606.4}

Законикот му се обратил на Исуса со директно прашање: „Која е прва од сите заповеди?“ Христовиот одговор бил директен и убедлив: „Прва од сите заповеди е: Чуј Израеле; Господ нашиот Бог е единствен Господ. Љуби го својот Господ Бог со сето свое срце, со сета своја душа, со сиот свој ум и со сета своја сила. Тоа е првата заповед”. „Втората е како првата,“ рекол Христос, „зашто оваа произлегува од неа: Љуби го својот ближен како самиот себеси. Друга заповед поголема од овие нема”. „На овие две заповеди висат сиот закон и пророците”. {КВ 607.1}

Првите четири од Десетте заповеди се сумирани во таа единствена голема заповед: „Љуби го својот Господ Бог со сето свое срце”. Последните шест се опфатени со другата заповед: „Љуби го својот ближен како самиот себеси”. Двете заповеди се израз на начелата на љубовта. Невозможно е да се држи првата, а втората да се престапува, ниту да се држи втората, а првата да се престапува. Ако Бог се наоѓа на местото што му припаѓа, ако се наоѓа на престолот на срцето, тогаш и нашиот ближен го добива местото што му припаѓа. Тогаш го љубиме како самите себеси. Само ако Го љубиме Бога над сè, можеме непристрасно да ги љубиме своите ближни. {КВ 607.2}

Бидејќи сите заповеди се опфатени во љубовта кон Бога и кон човекот, од тука произлегува дека ниту една заповед не може да се престапува, а да не се прекрши тоа начело. На тој начин Христос ги поучил Своите слушатели дека Божјиот закон не претставува збир на посебни одредби, од кои некои се од големо значење, додека други се помалку важни и можат неказнето да се запоставаат. Нашиот Господ ги прикажува првите четири и последните шест заповеди како една божествена целина и не поучува дека љубовта кон Бога се покажува со тоа што се покоруваме на сите Негови заповеди. {КВ 607.3}

Книжникот што му го поставил прашањето на Исус, бил добро запознаен со законот и бил изненаден од Неговите зборови. Тој не очекувал дека Исус ќе покаже толку длабоко и темелно познавање на Светото Писмо. На тој начин, книжевникот стекнал пошироко сфаќање за начелата на кои почиваат светите одредби. Пред собраните свештеници и поглавари тој чесно признал дека Христос дал правилно толкување на Законот, велејќи: {КВ 607.4}

„Добро, Учителе, право кажа дека Бог е еден и дека нема друг освен Него и дека да Го љубиш Него со сето срце, со сиот разум и со сета сила и да го љубиш ближниот како самиот себеси е поважно од сите паленици и други жртви”. {КВ 607.5}

Мудроста на Христовиот одговор го убедила книжевникот. Тој знаел дека еврејската вера се состои многу повеќе од надворешен обред, отколку од внатрешна побожност. Тој во извесна мера знаел колку без вредност се церемонијалните дарови сами по себе, како и безверното пролевање крв за отстранување на гревот. Љубовта и послушноста кон Бога и несебичната наклонетост кон луѓето, за него имале поголема вредност од сите тие обреди. Во подготвеноста на тој човек да ја признае точноста на Христовите зборови и во Неговиот одлучен и брз одговор пред народот, се манифестирал потполно различен дух од духот на свештениците и поглаварите. Исусовото срце било исполнето со сочувство кон тој искрен книжевник, кој, и покрај негодувањето на свештениците и заканите на поглаварите, се осмелил да го искаже уверувањето на своето срце. „А Исус, кога виде дека умно одговори, му рече: Не си далеку од Божјото царство”. {КВ 608.1}

Книжевникот бил близу до Божјото царство бидејќи признал дека праведните дела се поприфатливи за Бога од жртвите паленици и од другите жртви. Меѓутоа, тој требало да го увиди Христовиот божествен карактер и преку вера во Него да стекне моќ да твори праведни дела. Обредната служба немала никаква вредност доколку со жива вера не е поврзана со Христа. Дури ниту моралниот закон не ја исполнува својата цел, ако не се сфаќа неговата врска со Спасителот. Христос многупати покажал дека законот на Неговиот Татко содржи нешто подлабоко, а не само авторитетни заповеди. Во законот е отелотворено она исто начело што е содржано во евангелието. Законот укажува на човековата должност и ја покажува неговата вина. Човекот мора да очекува прошка и сила од Христа, за да го прави она што го пропишува законот. {КВ 608.2}

Фарисеите биле собрани блиску околу Исуса, кога Тој одговарал на прашањето од книжевникот. Обраќајќи им се ним, Тој им го поставил прашањето: „Што мислите за Христа, чиј Син е?“ Тоа прашање требало да ја стави на проба нивната вера во поглед на Месијата да покаже дали тие го сметаат за обичен човек или за Божји Син. Тие одговориле како во хор: „Давидов”. Тоа било името што пророштвото му го дало на Месијата. Кога Исус го открил Своето божество со Своите моќни чуда, кога ги исцелувал болните и ги воскреснувал мртвите, народот се прашувал меѓу себе: „Зар тоа не е синот Давидов?“ Фениќанката, слепиот Вартимеј и многу други барале помош од Него, велејќи: „Смилувај се на мене, сине Давидов!“ (Матеј 15:22) Кога јавајќи влегувал во Ерусалим, го дочекал радосен извик: „Осана на Давидовиот син! Благословен е Оној, Кој Доаѓа во името Господово!“ (Матеј 21:9) Тој ден, и малите деца во храмот го повторувале тоа припишување. Меѓутоа, многумина што го нарекувале Исуса Давидов син, не го признавале Неговото божество. Тие не сфатиле дека Давидовиот син е исто така и Божји Син. {КВ 608.3}

Одговарајќи на зборовите дека Христос е Давидов син, Исус рекол: „Како тогаш Давид, преку Духот, го нарекува Господ, кога вели: Му рече Господ на мојот Господ: Седни од Мојата десна страна, додека не ги положам твоите непријатели под твоите нозе? Па ако Давид го нарекува Господ, тогаш како му е син? И никој не можеше да му одговори ниту збор, ниту некој веќе се осмели од тој ден да го прашува повеќе”. {КВ 609.1}

67. ИСУС ГИ УКОРУВА ФАРИСЕИТЕ

Оваа поглавје е засновано на Матеј 23; Марко 12:41-44; Лука 20:45-47; 21:1-4.

Тоа бил последен ден од Христовото учење во храмот. Во Ерусалим се собрало огромно мноштво луѓе, а вниманието на сите било насочено кон Христа. Предворјето на храмот било преполно со луѓе, кои внимателно ги следеле овие дискусии и желно го примале секој збор што излегувал од Неговите усни. Никогаш дотогаш не се случувало такво нешто. Тука стоел младиот Галилеец без никакви земни почести и знаци на царско потекло. Околу Него се наоѓале свештениците во своите раскошни облеки, поглаварите чијашто облека и ознаки укажувале на нивната возвишена положба и книжниците со свитоци во рацете на чии записи често укажувале. Исус спокојно, со царско достоинство стоел пред нив. Располагајќи со небесен авторитет, Тој непоколебливо ги набљудувал Своите противници, кои го отфрлиле и го презреле Неговото учење и кои сакале да Му го одземат животот. Многубројни биле оние кои Го напаѓале, но напразни биле нивните планови да Го фатат во стапица и да Го осудат. Тој одговорил на сите нивни предизвици, изнесувајќи ја чистата и светла вистина, наспроти темнината и заблудите на свештениците и фарисеите. Тој им укажувал на овие водачи за нивната вистинска состојба и на казната која неминовно ќе ги снајде заради нивната упорност во злото. Опомената била верно дадена. Сепак, на Христа му останало да изврши уште едно дело. Требало да се постигне уште една цел. {КВ 610.1}

Народот сè повеќе се интересирал за Христа и за Неговото дело. Луѓето биле привлечени од Неговото учење, но исто така биле многу збунети. Тие ги почитувале свештениците и рабините заради нивната интелигенција и нивната привидна побожност. Во сите верски прашања тие безусловно се покорувале на нивниот авторитет и нивните погледи. Меѓутоа, сега виделе дека тие луѓе се обидуваат да Го уништат угледот на Исуса Учителот чии доблести и знаење се поблескаво излегувале од секој судир. Луѓето ги набљудувале наведнатите глави на свештениците и старешините и на нивните лица виделе израз на пораз и збунетост. Се чуделе зошто поглаварите не веруваат во Исуса, кога Неговото учење е толку јасно и едноставно. Тие сами не знаеле по кој пат да тргнат. Со длабоко внимание го следеле секое движење на оние чиишто совети секогаш ги прифаќале. {КВ 611.1}

Преку параболите кои Христос ги изговорил, Тој имал за цел да ги предупреди поглаварите и да ги поучи оние кои биле подготвени да примат поуки. Меѓутоа, било потребно да се зборува уште појасно. Народот бил поробен преку стравопочитувањето на традициите и од слепата вера во расипаното свештенство. Христос морал да ги раскине тие окови. Карактерот на свештениците, поглаварите и фарисеите морале поцелосно да се изложат. {КВ 611.2}

„На Мојсеевата столица,“ рекол Христос, „седат книжниците и фарисеите. Сè што ќе ви кажат извршувајте и држете, но не се управувајте според нивните дела, зашто тие зборуваат, а не извршуваат”. Книжниците и фарисеите тврделе дека им е даден божествен авторитет сличен на Мојсеевиот. Тие сметале дека го заземаат неговото место како толкувачи на Законот и како судии на народот. Во тоа својство тие барале од народот целосно почитување и послушност. Исус ги повикал Своите слушатели да го прават она што учеле рабините во сообразност со Законот, но да не се угледаат на нивниот пример. Тие и самите не се придржувале до своето сопствено учење. {КВ 612.1}

Дури и од она што тие го поучувале, многу било во спротивност со Светото Писмо. Исус рекол: „Тие врзуваат бремиња тешки и мачни за носење и ги стават врз плеќите на луѓето, а самите не сакаат ни со прст да ги помрднат”. Фарисеите одредувале многу прописи што биле засновани на традицијата и кои без причина ја ограничувале личната

слобода. Некои делови од законот ги толкувале така што му наметнувале на народот прописи кои тајно сами ги отфрлале и од кои кога тоа служело за остварување на нивните цели, тврделе дека се ослободени. {КВ 612.2}

Тие постојано се труделе да се покажат како побожни. Ниту една работа не им била толку света за да не може да им послужи за остварување на таа цел. Зборувајќи за Своите заповеди, Бог му рекол на Мојсеј: „Врзи ги на својата рака за знак и нека ти бидат како запис меѓу очите". (Второзаконие 6:8) Овие зборови имаат една длабока смисла. Кога размислува за Божјата Реч и ја спроведува на дело, човекот во целост се облагородува. Преку праведни и милосрдни дела на рацете, како печат ќе се покажат начелата на Божјиот Закон. Тогаш раката нема да се извалка со подмитување, ниту со нешто што е изопачено и лажно, туку вредно ќе извршува дела на љубов и милосрдие. Ако се насочени во благородна цел, очите ќе бидат бистри и јасни. Изразувачкото лице и очите кои зборуваат, ќе посведочат за беспрекорниот карактер на оној што ја љуби и почитува Божјата Реч. Меѓутоа, Евреите во Христово време не го сфаќале тоа. Заповедта дадена на Мојсеј била претворена во пропис дека тие начела од Светото Писмо треба да се носат на себе. Токму затоа тие биле запишани на ленти од пергамент и на видлив начин приврзани околу главата и околу зглобовите на рацете. Меѓутоа, со тоа не се постигнало Божјиот закон поцврсто да влијае на разумот и срцето. Тие ленти биле носени како ознаки, со цел да привлечат внимание. Се сметало дека на оние што ги носат, тие им даваат изглед на побожност кој предизвикува почит кај народот. Исус задал удар на тоа суетно преправање: {КВ 612.3}

„И сите свои дела ги прават за да ги видат луѓето; ги истакнуваат своите записи од законот и прават големи реси на своите облеки. Сакаат челни места на гозбите, први места во синагогите, поздрави на јавни места и луѓето да ги викаат: Рави, Рави. Но вие не се нарекувајте Рави, зашто еден е вашиот Рави Христос, а вие сте сите браќа. Никого на Земјата не го нарекувајте свој татко, зашто еден е вашиот Татко, Кој е на Небото. Ниту се нарекувајте учители, зошто еден е вашиот Учител Христос". Со вакви зборови Спасителот ја открил себичната амбициозност, која секогаш копнее по положба и власт, покажувајќи привидна понизност, додека срцето е исполнето со алчност и завист. Кога луѓето биле повикувани на некоја гозба, гостите биле седнувани според нивниот ранг, а оние кои добивале најпочесно место, уживале особено внимание и специјални почести. Фарисеите секогаш гледале таквите почести да ги осигурат за себе. Исус ја укорил таквата пракса. {КВ 613.1}

Тој исто така ја укорил суетата што се манифестирала во посакување титули како што се рави или учител. Таква титула не им припаѓа на луѓето, туку на Христа. Свештениците, книжевниците и поглаварите, толкувачите и извршителите на законот сите тие биле браќа, деца на еден Татко. Исус му рекол на народот да не му дава на ниеден човек почесна титула, која покажува дека тој има власт над нивната совест или вера. {КВ 613.2}

Кога Христос денес би бил на Земјата, опкружен со оние што носат титула „пречесен" или „пресвет," зар не би ги повторил Своите зборови: „Ниту се нарекувајте учители, зошто еден е вашиот Учител Христос". Светото Писмо вели за Бога: „Свето и страшно е Неговото име". (Псалм 111:9) На кое човечко суштество му приличи такво име? Колку малку човекот има од онаа мудрост и праведност која ја навестува таквото име! Колку многу од оние што носат таква титула погрешно го претставуваат Божјото име и карактер! Ах, колку често земните амбиции, деспотизмот и најниските гревови се

скриени под извезените облеки на оние кои се наоѓаат на високи и свети должности. Спасителот продолжил: {КВ 613.3}

„Најголемиот меѓу вас нека ви биде слуга. Кој се воздига себеси ќе биде понижен, а кој ќе се понизи, ќе биде извишен". Христос постојано учел дека вистинската големина се мери со моралната вредност. Според оценката на Небото, големината на карактерот се состои во тоа да живееме за добро на нашите ближни, да твориме дела на љубов и милосрдие. Христос Царот на славата бил слуга на грешните луѓе. {КВ 613.4}

„Тешко вам книжници и фарисеи, лицемери," рекол Исус, „што го затворате небесното царство пред луѓето; самите вие не влегувате во него, ниту дозволувате да влезат оние што би сакале". Изопачувајќи го Светото Писмо, свештениците и закониците го заслепиле разумот на оние кои инаку би примиле сознание за Христовото царство и за оној внатрешен, божествен живот, кој е неопходен за вистинска светост. {КВ 614.1}

„Тешко вам книжници и фарисеи, лицемери, што ги подјадувате куќите вдовички и лицемерно долго се молите. Затоа построго ќе бидете осудени". Фарисеите имале големо влијание врз народот и го користеле тоа влијание заради сопствен интерес. Тие ја стекнале довербата на побожните вдовици, а потоа им зборувале дека нивна должност е да го посветат својот имот во верски цели. Бидејќи ги обезбедиле нивните пари во свои раце, тие подли интриганти ги користеле за свои цели. За да ја прикријат својата нечесност, тие долго се молеле на Бога пред светот и се преправале дека се многу побожни. Христос рекол дека поради тоа лицемерие уште повеќе ќе бидат осудени. Истиот укор паѓа на мнозина во наше време, кои исповедаат голема побожност. Нивните животи се извалкани од себичност и алчност, но Сепак сето тоа го покриваат под превезот на божемната побожност и така извесен период ги мамат своите ближни. Меѓутоа, тие не можат да го измамат Бога. Тој ја чита секоја намера на срцето и ќе му суди секому според неговите дела. {КВ 614.2}

Христос безрезервно ја осудувал злоупотребата, но внимавал да не намали ничии обврски. Тој ја осудувал себичноста што ги изнудувала и злоупотребувала даровите на вдовиците. Истовремено, Тој ја пофалил вдовицата која го донела својот дар во Божјата ризница. Човечката злоупотреба на дарот не го скратува Божјиот благослов на дарителот. {КВ 614.3}

Исус бил во предворјето каде што се наоѓале садовите за собирање на дар и ги гледал оние кои Доаѓале и ги оставале своите дарови. Многу богаташи донесувале големи износи, кои ги оставале на таков впечатлив начин, за да бидат забележани. Исус ги набљудувал со тага, но не рекол ништо за нивната дарежливост. Потоа Неговото лице се разведрило, кога видел една сиромашна вдовица како колебливо се приближува, како да се плаши дека некој ја набљудува. Кога богатите и горделивите поминувале за да ги остават своите дарови, таа се повлекувала како да не се осмелува да продолжи понатаму. Сепак копнеела да направи нешто, колку и да е тоа малку, за делото што го љубела. Го погледнала дарот што го држела во својата рака. Бил многу мал во споредба со даровите на другите околу неа, но тоа било сè што имала. Кога и се пружила прилика, таа брзо ги ставила своите две лепти и се свртела за да си оди. Меѓутоа правејќи го тоа, таа го сретнала Исусовиот поглед, кој сериозно бил насочен кон неа. {КВ 614.4}

Спасителот ги повикал Своите ученици и им укажал на нејзината сиромаштија. Потоа до нејзиното уво допреле Неговите пофални зборови: „Навистина ви велам, оваа сиромашна вдовица пушти повеќе од сите". Очите на таа сиромашна жена биле исполнети со солзи радосници, кога видела дека нејзината постапка е сфатена и ценета.

Многумина би ја советувале да го задржи својот мал дар за себе. Предаден во рацете на добро ситуираните свештеници, нејзиниот дар ќе се изгуби меѓу многуте скапоцени дарови што биле донесени. Меѓутоа, Исус ги сфатил нејзините намери. Таа верувала дека Бог одредил служба во Храмот и сакала со тоа да придонесе Колку што може. Направила сè што можела, а нејзината постапка останала како спомен на неа низ сите времиња и ќе и биде радост во вечноста. Нејзиното срце било во нејзиниот дар. Големината на тој дар не бил оценет според вредноста на паричката, туку според љубовта кон Бога и според желбата да се даде придонес за Неговото дело и според копнежот што ја навел на таа постапка. {КВ 615.1}

Исус за сиромашната вдовица рекол дека таа „пушти повеќе од сите". Богатите давале од своето изобилство, а многумина од нив давале за да бидат видени и почитувани од другите луѓе. Со своите големи дарови тие не се пишувале од никаква удобност, па дури ни од раскош. Нивните дарови не барале жртва и според вредноста не можеле да се споредат со лептите на вдовицата. {КВ 615.2}

Побудите им даваат белег на нашите постапки и ги означуваат како срамни или како постапки со висока морална вредност. Бог не смета дека најдрагоцени се оние големи дарови кои ги гледаат сите очи и кои ги фали сечиј јазик. Ситните должности извршени со радост, малите дарови кои не се даваат заради покажување и кои во очите на човекот може да изгледаат безвредни, често имаат најголема вредност во Божјите очи. Срцето исполнето со вера и љубов му е подрагоцено на Бога од најскапоцениот дар. Сиромашната вдовица ги дала парите за својата живеачка, за да го направи она малку што го направила. Таа се лишила од храна за да ги даде тие две лепти за делото што го љубела. Тоа го направила со вера, убедена дека нејзиниот небесен Татко нема да ги изгуби од вид нејзините големи потреби. Со тој свој несебичен дух и детска вера, таа ја придобила пофалбата на Спасителот. {КВ 615.3}

Меѓу сиромасите се наоѓаат многумина кои со сето срце копнеат да изразат благодарност на Бога за Неговата благодат и вистина. Тие искрено сакаат заедно со своите поимотни браќа да учествуваат во помагање на Божјата служба. Тие души не треба да се отфрлат. Нека тие ги положат своите лепти во небесната ризница. Ако се дадени од срце исполнето со љубов кон Бога, овие делумни ситници стануваат посветени дарови, непроценливи прилози кои Бог со радост ги прима и ги благословува. {КВ 615.4}

Кога Исус рекол дека вдовицата „пушти повеќе од сите," Неговите зборови биле точни не само во поглед на побудите, туку и во поглед на резултатот. „Две лепти, кои прават еден кодрант," и донеле на Божјата благајна многу поголем износ од даровите на оние богати Евреи. Влијанието на тој мал дар бил како поток кој е мал на својот извор, но кој станува сè поширок и сè подлабок во својот тек низ вековите. Тој дар на илјадници начини придонел да се олеснат неволјите на сиромашните и да се шири проповедањето на евангелието. Примерот на самопожртвување што го пружила вдовицата постојано влијаел на илјадници срца во сите земји и во сите векови. Тој дар влијаел и на богатите и на сиромашните, а нивните прилози ја зголемиле вредноста на нејзиниот дар. Благословот што Бог го излеал на лептите на вдовицата станал извор на големи благослови. Истото тоа важи за секој дар и за секоја постапка направена со искрена желба да се придонесе за Божја слава. Тој е поврзан со целите на Семоќниот. Нема човек, кој може да ги оцени нивните резултати на добро. {КВ 616.1}

Спасителот продолжил да ги осудува книжниците и фарисеите: „Тешко вам слепи водачи, кои велите: Ако некој се заколне со храмот, не е ништо; ако пак се заколне со

златото од храмот, тогаш е обврзан. Безумни и слепи! Што е поголемо, златото или храмот кој го посветува златото? Или пак: Ако некој се заколне со жртвеникот, не е ништо, но ако се заколне со дарот што е на него, тогаш е виновен. Безумни и слепи, што е поголемо; дарот или жртвеникот што го посветува дарот?“ Свештениците ги толкувале Божјите барања според своите сопствени лажни и ограничени мерила. Тие вообразувале дека прават точна разлика помеѓу степенот на вина на различните гревови, лекомислено преминувајќи преку некои гревови, додека други можеби помалку сериозни ги сметале како непростливи. Со паричен надомест ги ослободувале луѓето од нивните завети. А за големи суми пари понекогаш преминувале преку тешки гревови. Истовремено тие свештеници и поглавари во други случаи изрекувале строги казни за незначителни престапи. {КВ 616.2}

„Тешко вам книжници и фарисеи, лицемери, што давате десеток од нане, од копар и од ким, а сте го оставиле поважното во законот: правдата, милоста и верата. Ова требаше да го правите, а и она да не го пропуштите”. Со овие зборови Христос повторно ја осудува злоупотребата на светите обврски. Тој не ја отфрла самата обврска. Бог одредил систем на десеток и тој систем се одржувал од најрани времиња. Авраам, таткото на сите верни, дал десеток од сè што имал. Еврејските поглавари ја признавале обврската на давање десеток и тоа било правилно, но не им дозволувале на луѓето да го вршат она што самите го сметаат за своја должност. Биле давани самоволни прописи за сите случаи. Прописите станале толку сложени, што било невозможно да се исполнуваат. Онака како што го дал Бог, системот бил добар и прифатлив, но свештениците и рабините го претвориле во мачен товар. {КВ 616.3}

Значајно е сè што заповеда Бог. Христос нагласил дека должност е да се дава десеток, но додава дека со тоа не може да се оправда запоставувањето на другите должности. Фарисеите биле многу прецизни, кога станувало збор за десеток од градинарски билки како што биле нането, кимот и копарот, тоа не ги чинело многу, а истовремено со тоа стекнувале глас дека се совесни и свети. Од друга страна, нивните бескорисни рестрикции го притискале народот и ја уништувале почитта кон светиот систем што Бог сам го одредил. Тие ги принудувале луѓето да размислуваат за некои ситници и со тоа го одвраќале нивното внимание од важните вистини. Биле занемарени поважните работи во законот правдата, милоста и вистината. „Ова требаше да го правите,“ рекол Христос, „а и она да не го пропуштите”. {КВ 617.1}

На сличен начин рабините изопачиле и други закони. Во упатствата што се дадени преку Мојсеј било забрането да се јаде нечисто. Употребата на свинско месо како и месото на извесни други животни била забранета, бидејќи на тој начин во крвта се внесуваат нечисти состојки и се скратува животниот век. Меѓутоа, фарисеите не останале на оние ограничувања што им ги дал Бог. Тие неоправдано оделе во крајност. Меѓу останатато, барале од народот да ја процедува водата што се употребува, за да не содржи ниту најмал инсект, кој би спаѓал меѓу нечистите животни. Споредувајќи го тоа непотребно ситничарење со големината на нивните вистински гревови, Исус им рекол на фарисеите: „Слепи водачи, вие цедите комарец, а голтате камила”. {КВ 617.2}

„Тешко вам книжници и фарисеи, лицемери, што сте како варосани гробови кои однадвор изгледаат убави, а внатре се полни со мртовечки коски и секаква нечистотија”. Како што варосаниот и убаво украсен гроб криел остатоци што се распаѓаат, така надворешната светост на свештениците и поглаварите го прикривала беззаконието. Исус продолжил: {КВ 617.3}

“Тешко вам книжници и фарисеи, лицемери, оти им sидате гробови на пророците и им ги украсувате спомениците на праведниците и велите: Кога би живееле ние во времето на нашите татковци, немаше да станеме нивни соучесници во крвта на пророците. Така сами сведочите дека сте синови на оние што ги убивале пророците”. За да ја покажат својата почит кон мртвите пророци, Евреите биле ревни во украсување на нивните гробови, но не се ползувале од нивните учења, ниту ги уважувале нивните укори. {КВ 617.4}

Во Христово време постоело некое суеверно почитување на гробовите на мртвите и на нивно украсување биле трошени големи суми пари. Во Божјите очи тоа било идолопоклонство. Со своето претерано почитување на мртвите, луѓето покажувале дека не Го љубат Бога над сè, ниту своите ближни како самите себеси. Истото тоа идолопоклонство во голем степен постои и денес. Многумина се виновни што ги запоставуваат вдовиците и сирачињата, болните и сиромашните за да подигнат скапи споменици на мртвите. За таа цел не се штедат време, пари ниту труд, додека се запоставуваат должностите кон живите должностите на кои Христос јасно укажал. {КВ 618.1}

Фарисеите граделе споменици на пророците, ги украсувале нивните гробници и си зборувале меѓу себе: „Ако живеевме во времето на нашите татковци, немаше со нив да ја пролеваме крвта на Божјите слуги”. Истовремено правеле планови како да го одземат животот на Неговиот Син. Тоа треба да биде поука за нас. Тоа треба да ни ги отвори очите да видиме колку сатаната е во состојба да го измами разумот што се одвраќа од светлината на вистината. Многумина одат по трагите на фарисеите. Тие ги почитуваат оние што ги дале своите животи за верата. Тие се чудат колку Евреите биле слепи, кога Го отфрлиле Христа. Тие зборувале дека, кога би живееле во Негово време, радосно би го примиле Неговото учење, никогаш не би биле соучесници во гревот на оние кои Го отфрлиле Спасителот. Меѓутоа, кога послушноста кон Бога бара самооткажување и понижување, истите тие луѓе го задушуваат своето уверување и ја отфрлаат послушноста. На тој начин манифестираат ист дух како фарисеите, кои Христос ги осудил. {КВ 618.2}

Евреите не увидувале колку ужасна одговорност преземаат со отфрлањето на Христа. Од времето кога била пролеана првата невина крв, кога праведниот Авел паднал од раката на Каин, историјата се повторува, а вината се зголемува. Во сите векови пророците го подигале својот глас против гревот на царевите, поглаварите и народите, зборувајќи зборови кои Бог им ги дал и покорувајќи се на Неговата волја, со што ги изложиле на опасност своите животи. Од поколение на поколение се натрупувала ужасна казна за оние кои ја отфрлаат светлината и вистината. Сите тие казни, Христовите непријатели сега ги навлекле на своите глави. Гревот на свештениците и поглаварите бил поголем од гревот на сите претходни поколенија. Отфрлајќи го Спасителот, тие станале одговорни за крвта на сите праведни, кои биле убиени од времето на Авела, па сè до Христа. Чашата на нивното беззаконие наскоро ќе се прелее. Наскоро на нивните глави ќе се излее казната на Божјата правда. Исус ги предупредил на тоа:“ {КВ 618.3}

За да падне врз вас сета праведна крв што е пролеана на Земјата, од крвта на праведниот Авел до крвта на Захарија, синот Варихиин, кого го убивте меѓу храмот и жртвеникот. Навистина, ви велам, сето тоа ќе падне врз ова поколение”. {КВ 619.1}

Книжниците и фарисеите кои слушале што зборува Исус, знаеле дека Неговите зборови се вистинити. Знаеле како пророкот Захарија бил убиен. Додека зборовите на

Божја опомена биле на неговите усни, некој сатански бес го обземал царот отпадник и по негова наредба, пророкот бил погубен. Неговата крв ги попрскала камењата во предворјето на храмот и не можела да се избрише; таа крв останала да сведочи против отпаднатиот Израел. Сè додека постои храмот, тука ќе стои крвта на тој праведник која го моли Бога да биде одмаздена. Кога Исус ги споменал тие ужасни гревови, мноштвото затреперило од ужас. {КВ 619.2}

Гледајќи во иднината, Исус рекол дека закоравеноста на Евреите и нивната нетрпеливост кон Божјите слуги и понатаму ќе биде иста како порано: {КВ 619.3}

„Затоа ете, Јас праќам меѓу вас пророци, мудреци и книжници, од кои едни ќе убиете и ќе распнете, а други ќе ги бичувате во вашите синагоги и ќе ги прогонувате од град во град". Пророците и мудреците, исполнети со вера и Свет Дух Стефан, Јаков и многу други ќе бидат осудени и убиени. Со рака издигната кон Небото и додека божествената светлина ја обвиткувала Неговата личност, Христос зборувал како судија на оние што се наоѓале пред Него. Неговиот глас, кој толку често бил благ и се застапувал, сега укорувал и осудувал. Слушателите трепереле. Впечатокот што го оставиле Неговите зборови и Неговиот поглед никогаш не можел да се избрише. {КВ 619.4}

Христовиот гнев бил насочен против лицемерието, против големите гревови со кои луѓето ги уништувале сопствените души, го мамеле народот и му нанесувале срам на Бога. Во измамливите аргументи на свештениците и поглаварите Тој го препознал делувањето на сатанските сили. Остра и продорна била Неговата осуда на гревот, но Тој не изговорил ниту еден збор на одмазда. Во Него бил светиот гнев против кнезот на темнината, но не манифестирал никаква раздразливост. Така и христијанинот што живее во хармонија со Бога и кој поседува благи својства на љубов и милост ќе чувствува праведен гнев против гревот, но страста не го наведува да ги хули оние што него го хулат. Дури и кога ќе се соочи со оние кои, поттикнати од силата одоздола, ја бранат невистината, тој во Христа ќе го сочува мирот и власта над себе. {КВ 619.5}

Божественото сожалување се одразувало на лицето на Божјиот Син, кога го набљудувал храмот и Своите слушатели. Со придушен глас поради длабоките душевни маки и горчливи солзи, Тој извикал: „Ерусалиме, Ерусалиме, што ги убиваш пророците и ги каменуваш испратените при тебе! Колкупати сакав да ги соберам твоите деца како квачката што ги собира своите пилиња под крилјата, но вие не сакавте!" Тоа била борба на одвојување. Во Христовото оплакување се излевало самото Божјо срце. Тоа било таинствено простување на долготрпеливата Божја љубов. {КВ 620.1}

Замолкнале и фарисеите и садукеите. Исус ги повикал Своите ученици и се подготвувал да го напушти храмот, не како победен, кој е принуден да се повлече пред неговите противници, туку како некој чие дело било завршено. Се повлекол како победник од судирот. {КВ 620.2}

Многумина ги сочувале во своето срце драгоцените вистини кои во текот на тој значаен ден паднале од Исусовите усни. Кај тие луѓе се јавиле нови мисли, се разбудиле нови копнежи и започнал нов живот. По Христовото распнување и воскресение, тие луѓе истапиле напред и својата од Бога дадена улога ја извршиле мудро и ревно, во склад со големината на делото. Тие носеле порака која ги допрела срцата на луѓето, ослабнувајќи ги старите суеверија што толку долго ги закржлавувале животите на илјадници луѓе. Пред нивното сведоштво човечките теории и филозофии станале празни приказни. Огромни последици произлегле од зборовите што Спасителот му ги упатил на тоа вчудоневидено мноштво во ерусалимскиот храм. {КВ 620.3}

Меѓутоа, Израел како народ се одвоил од Бога. Природните гранки на маслиновото дрво се скршиле. Набљудувајќи ја за последен пат внатрешноста на храмот, Исус во тажен тон рекол: „Ете, ви се остава вашиот дом пуст. Зашто ви велам: Отсега нема да ме видите повеќе додека не кажете: Благословен е Оној, Кој Доаѓа во името Господово". Дотогаш храмот го нарекувал дом на Својот Татко, но сега, кога Божјиот Син ќе излезе надвор од тие ѕидови, Божјата слава засекогаш ќе се повлече од храмот кој бил подигнат во Негова слава. Оттогаш обредите во храмот ќе бидат бесмислени, а неговите служби за исмејување. {КВ 620.4}

68. ВО ПРЕДВОРЈЕТО НА ХРАМОТ

Оваа поглавје е засновано на Јован 12:20-43.

„Меѓу оние што беа дошле на празникот на поклонение имаше и некои Грци. Тие му пристапија на Филипа, кој беше од Витсаида во Галилеја и го помолија велејќи: Господине, ние би сакале да Го видиме Исуса. Филип дојде и му го кажа тоа на Андреј, а Андреј и Филип му кажаа на Исуса". {КВ 621.1}

Во тоа време изгледало дека Христовото дело доживеало страшен пораз. Тој бил победник во судирот со свештениците и фарисеите, но било очигледно дека тие никогаш нема да Го прифатат како Месија. Дошло до конечно одвојување. На Неговите ученици им изгледало дека состојбата е безнадежна. Меѓутоа, Христос се приближувал кон завршување на Своето дело. Претстоел голем настан од огромно значење не само за еврејскиот народ, туку и за целиот свет. Кога Христос ја слушнал желбата „ние би сакале да Го видиме Исуса," која го изразувала копнежот на човештвото по Спасителот, Неговото лице блеснало и Тој рекол: „Дојде часот да се прослави Синот Човечки". Во таа желба на Грците видел предзнак на резултатите од Својата голема жртва. {КВ 621.2}

Тие луѓе дошле од Запад да Го видат Спасителот на крајот од Неговиот живот, како што на почетокот дошле мудреците од Исток. Во времето на Христовото раѓање, еврејскиот народ бил толку окупиран со своите амбициозни планови, така што не знаеле за Неговото доаѓање. Мудреците од една незнабожечка земја дошле до јаслите со своите дарови за да Му се поклонат на Спасителот. Така тие Грци, кои ги претставувале народите, племињата и националностите на светот, дошле да Го видат Исуса. Така Спасителовиот крст ќе ги привлече народите од сите земји и сите векови. Така „мнозина ќе дојдат од исток и од запад и ќе седнат со Авраама, со Исака и со Јакова во царството небесно". (Матеј 8:11) {КВ 621.3}

Грците слушнале за Христовото триумфално влегување во Ерусалим. Некои претпоставувале и ширеле такви гласови дека Исус ги истерал свештениците и поглаварите од храмот и дека ќе го заземе Давидовиот престол и ќе владее како цар на Израел. Грците копнееле да ја сознаат вистината за Неговата мисија. „Ние би сакале да Го видиме Исуса," рекле тие. Желбата им била исполнета. Кога Исус ја слушнал таа молба, Тој се наоѓал во оној дел од храмот, кој бил достапен само за еврејскиот народ, но излегол во предворјето во пресрет на Грците и лично разговарал со нив. {КВ 622.1}

Дошол часот Христос да се прослави. Тој веќе бил во сенката на крстот, а постапката на Грците Му покажала дека жртвата за која се подготвува ќе доведе кај Бога многу синови и ќерки. Тој знаел дека Грците наскоро ќе Го видат во ситуација за која тогаш не ни сонувале. Знаел дека ќе Го видат покрај Варнава, разбојник и убиец, кој ќе биде

одбран да биде пуштен на слобода, наместо Божјиот Син. Ќе слушнат како под инспирација на свештениците, народот го прави својот избор и на прашањето: „Што да сторам со Исуса наречен Христос,“ одговорот ќе биде: „Да биде распнат”. (Матеј 27:22) Христос знаел дека со принесувањето на оваа жртва за гревовите на човештвото, Неговото царство ќе биде усовршено и ќе се прошири по целиот свет. Тој ќе работи како Обновител и Неговиот Дух ќе надвладее. За миг погледнал во иднината и слушнал глас кој објавувал во сите делови на Земјата: „Еве го Јагнето Божјо, Кое ги зема на Себе гревовите на светот”. (Јован 1:29) Во тие странци Тој видел гаранција за голема жетва, кога ќе биде срушен ѕидот на поделба помеѓу Евреите и незнабошците и кога сите нации, јазици и племиња ќе ја слушнат веста на спасението. Предвидувајќи го тоа, предвидувајќи исполнување на Своите надежи, Тој ги изговорил зборовите: „Дојде часот да се прослави Синот Човечки”. Меѓутоа, Христос никогаш не го губел од вид начинот на кој ќе се исполни таквото прославување. Собирањето на незнабошците ќе настапи по Неговата смрт која се приближувала. Светот може да се спаси само преку Неговата смрт. Како пченичното зрно, Синот Човечки мора да биде фрлен во земјата, да умре и да биде погребан но и повторно да оживее. {КВ 622.2}

Христос ја опишал Својата иднина со помош на слики од природата за да Го разберат учениците. Вистинската цел на Неговата мисија ќе се оствари само преку Неговата смрт. „Вистина, вистина ви велам,“ рекол Тој, „ако пченичното зрно не падне на почвата и не умре, останува само; а ако умре, ќе роди голем плод”. Кога пченичното зрно ќе падне на почвата и ќе умре, тоа никнува и донесува род. Така Христовата смрт ќе роди плод за Божјото царство. Во сообразност со законот на растителното царство, резултат од Неговата смрт ќе биде живот. {КВ 623.1}

Оние што обработуваат земја, секогаш го имаат тој пример пред очите. Од година во година, човекот ги задоволува своите потреби за пченица, со тоа што привидно ги фрла најодбраните зрна. Извесен период зрната остануваат скриени под браздата, доверени на Божјата грижа. Потоа се појавува стебленце, потоа клас и конечно зрно. Но тоа може да се случи само ако зрното се закопа и сокрие, како да е изгубено. {КВ 623.2}

Семето посеано во земја дава плод, а тој плод повторно се сее. Така житото се намножува. Така Христовата смрт на крстот на Голгота ќе вроди со плод на вечен живот. Проучувањето на таа жртва ќе биде радост на оние кои, како нејзиниот плод, ќе живеат низ бескрајната вечност. {КВ 623.3}

Пченичното зрно што ќе го сочува својот живот не може да вроди со плод. Тоа останува само. Кога би сакал, Христос би можел да се спаси од смртта. Но во тој случај би останал сам. Тој не би можел да доведе кај Бога ниту еден син, ниту една ќерка. Само со положување на сопствениот живот, можел да му овозможи живот на човештвото. Само паѓајќи на почвата за да умре, можел да стане семе на таа богата жетва на големо мноштво кои од секое племе, колено, јазик и народ се откупени за Бога. {КВ 623.4}

Со таа вистина Христос ја поврзал поуката за самопожртвување, која сите треба да ја научат: „Кој го сака својот живот, ќе го загуби, а оној што го мрази својот живот на овој свет, ќе го сочува за живот вечен”. Сите што сакаат да дадат плод како Христови соработници, мораат прво да паднат на земјата и да умрат. Животот на христијанинот треба да биде посеан во браздата на потребите на светот. Самољубивоста и себичноста мораат да пропаднат. Законот на самопожртвување е закон на самоодржување. Земјоделецот го чува своето жито со тоа што го фрла. Така е и во човечкиот живот. Да се дава значи да се живее. Животот што ќе биде сочуван е оној живот, кој несебично се

посветува во служба на Бога и на човекот. Оние што го жртвуваат заради Христа својот живот во овој свет, ќе наследат вечен живот. {КВ 623.5}

Животот посветен на себичноста, прилега на зрно кое ќе се изеде. Тоа исчезнува, но нема никаков род. Човекот може да се труди да приграби сè за себе, може да живее за себе и да мисли и планира само за себе, но неговиот живот поминува, а тој останува без ништо. Законот на себичноста е закон на самоуништување. {КВ 624.1}

„Ако некој ми служи Мене," рекол Исус, „нека Ме следи Мене и каде што ќе бидам Јас, таму ќе биде и Мојот слуга. Оној што ми служи Мене, него ќе го почитува и Таткото". Сите што го носеле со Исуса крстот на жртвата, ќе учествуваат и со Него во Неговата слава. Во Своето понижување и болка, Христос се радувал што Неговите ученици ќе бидат прославени со Него. Тие се плод на Неговото саможртвување. Манифестирањето на Неговиот карактер и дух во нив е Негова награда и ќе биде Негова радост низ цела вечност. Тие ја делат таа радост со Него, кога плодот на нивниот труд и пожртвуваност се гледа во срцето и во животот на другите. Тие се Христови соработници и Таткото ќе ги почитува, како што го почитува Својот Син. {КВ 624.2}

Пораката на Грците, претскажувајќи го собирањето на незнабошците, го потсетила Исуса на целокупната Негова мисија. Тој го согледал делото на откупување од времето кога тој план бил создаден на Небото, па до смртта, која тогаш била толку близу. Изгледало дека некој таинствен облак го обвиткува Божјиот Син. Оние што биле во Негова близина ја почувствувале сенката на тој облак. Исус седел задлабочен во мислите. Конечно, Неговиот тажен глас ја прекинал тишината: „Сега душата ми е длабоко потресена; и што да кажам? Татко, спаси ме од овој час". Во Своите мисли, Христос веќе ја пиел чашата на горчина. Она што е човечко во Него, се набрало од часот на напуштање, кога ќе изгледа дека дури и Бог Го оставил, кога сите ќе сметаат дека Бог го ранува, бие и мачи. Тој се набрал при помислата на јавно изложување, од тоа што кон Него ќе постапуваат како со најголем злосторник; затреперил пред срамната и нечесна смрт. Помислата на судирот со силите на темнината, ужасната тежина на човечките гревови, Татковиот гнев предизвикан од гревот сето тоа го малаксало Исусовиот дух и смртно бледило го прекрило Неговото лице. {КВ 624.3}

Потоа настапило божествено покорување на Татковата волја. Тој рекол: „Заради ова дојдов до овој час. Татко, прослави Го Своето име". Само преку Христовата смрт можело да се сруши царството на сатаната. Само на тој начин човекот можел да се откупи и Бог да се прослави. Исус се согласил на таа агонија, се согласил на жртва. Небесното Височество се согласило да страда како Носител на сиот грев. „Татко! Прослави го Своето име!" рекол Тој. Кога Христос ги изговорил тие зборови, од Небото се слушнал глас од облакот што лебдел над Неговата глава: „Го прославив и пак ќе Го прославам". Целиот Свој живот, од јаслите, па до моментот кога биле изговорени тие зборови, Го прославил Бога, а во она што сега му претстоело, Неговите божествено-човечки страдања навистина ќе Го прослават името на Својот Татко. {КВ 624.4}

Кога се слушнал гласот, светлина блеснала од облакот и го обвила Христа, како да Го прегрнале рацете на Бескрајната моќ, слична на пламен sид. Народот ја нањудувал таа сцена со ужас и вчудовидување. Никој не се осмелил да проговори. Сите молчеле и со задржан здив гледале во Исуса. Откако Таткото го дал Своето сведоштво, облакот се подигнал и се растурил во небото. Тогаш видливата врска помеѓу Таткото и Синот завршила. {КВ 625.1}

„А народот кој стоеше и го чу тоа рече: Загрме, други пак рекоа, Ангел му прозбори". Меѓутоа, Грците кои дошле да се распрашаат го виделе облакот, го

слушнале гласот, ја сфатиле неговата смисла и навистина увиделе кој е Христос. Ним тој им бил откриен како Испратен од Бога. {КВ 625.2}

Божјиот глас се слушнал при Исусовото крштавање на почетокот на Неговата служба, а потоа и при Неговото преобразување на гората. Сега, на крајот од Неговата служба, повторно се слушнал по трет пат и го слушнале повеќе луѓе и во посебни околности. Исус ја изговорил најсвечената вистина во поглед на состојбата во која се наоѓаат Евреите. Тој им го упатил Својот последен апел и ја претскажал нивната пропаст. Тогаш Бог Го признал Оној, Кого Израел Го отфрлил. Исус рекол: „Овој глас не дојде заради Мене, туку заради вас". Тоа бил врвен доказ за Неговото месијанство, знак кој го дал Таткото дека Исус ја зборувал вистината и дека Тој навистина е Божји Син. {КВ 625.3}

„Сега е судот на овој свет," продолжил Христос, „сега кнезот на овој свет ќе биде исфрлен надвор. А Јас, кога ќе бидам подигнат од земјата, сите ќе ги привлечам кон Себе. Ова го рече за да покаже со каква смрт ќе умре". Тоа бил момент на одлука за светот. Ако Исус стане жртва за гревот, светот ќе се просветли. Ќе биде уништена сатанската власт над човечките души. Во човештвото повторно ќе се воспостави изобличен Божји лик, а семејството на верни луѓе ќе го наследи небесниот дом. Тоа ќе биде плод на Христовата смрт. Спасителот се задлабочил во мислите, додека пред Неговите духовни очи се одвивала сцената на триумф. Го видел крстот суровиот, срамен крст со сите ужаси кои ги повлекува со себе, како блеска со слава. {КВ 625.4}

Меѓутоа, со жртвата на крстот не е остварено само спасението на луѓето. Божјата љубов била откриена на вселената. Бил симнат кнезот на овој свет. Биле побиени обвинувањата кои сатаната ги подигнал против Бога. Засекогаш ќе биде замолчен прекорот што тој го упатувал на сметка на Небото. Ангелите како и луѓето се привлечени кон Спасителот. „А Јас, кога ќе бидам подигнат од земјата," рекол Тој, „сите ќе ги привлечам кон Себе". {КВ 626.1}

Околу Христа било собрано мноштво луѓе, кога ги изговорил овие зборови и еден помеѓу нив, запрашал: „Ние чувме од Законот дека Христос ќе остане засекогаш. Како тогаш Ти велиш дека Синот Човечки треба да биде подигнат? Кој е тој Син Човечки? Тогаш Исус им рече: Уште малку време светлината е меѓу вас. Дојдете додека имате светлина, за да не ве обземе темнината. Оној што оди во темнина, не знае каде оди. Додека имате светлина, верувајте во неа, за да бидете синови на светлината". {КВ 626.2}

„Иако правеше толку големи чудесни дела пред нив, не му веруваа". Повторно го прашале Спасителот: „Каков знак ќе ни покажеш да видиме и да ти веруваме?" (Јован 6:30) Им биле дадени безбројни знаци, но тие ги затвориле своите очи и ги стврднале своите срца. Сега, кога самиот Татко проговорил и кога не можеле да бараат никаков понатамошен знак, Сепак сè уште не верувале. {КВ 626.3}

„Сепак, многумина и од старешините веруваа во Него, но поради фарисеите не Го признаваа тоа јавно, за да не бидат исклучени од синагогата". Повеќе ја ценеле пофалбата од луѓето, отколку Божјото одобрување. За да не се изложуваат на прекор и срам, тие се откажале од Христа и го отфрлиле вечниот живот што им бил понуден. Исто постапувале и многу други луѓе во подоцнежните векови! За сите нив важи опомената на Спасителот: „Оној што го сака својот живот, ќе го загуби". „Оној што Ме отфрла Мене," рекол Исус, „и не ги прима Моите зборови, ќе има свој судија: Речта што ја изговорив ќе му суди во последниот ден". (Јован 12:48) {КВ 626.4}

Тешко на оние што не го познале своето време! Полека и со жално срце, Христос засекогаш го напуштил храмот. {КВ 626.5}

69. НА МАСЛИНОВАТА ГОРА

Оваа поглавје е засновано на Матеј 24; Марко 13; Лука 21:5-38.

Христовите зборови упатени на свештениците и поглаварите: „Ете, ви се остава вашиот дом пуст“ (Матеј 23:38), предизвикале ужас во нивните срца. Се преправале дека се рамнодушни, но во нив тоа прашање постојано се повторувало и тие размислувале за значењето на тие зборови. Им изгледало дека им се заканува некоја невидлива опасност. Зар е можно овој величествен храм, кој бил гордост на нацијата да се претвори во рушевини? И учениците претчувствувале некоја несреќа, па со вознемиреност очекувале Исус појасно да се изрази. Излегувајќи со Него од храмот, тие му обрнале внимание на неговата цврстина и убавина. Неговите камења биле од најчист мермер, со совршена белина, а некои парчиња биле со скоро неверојатна големина. Еден дел од ѕидот одолеал на нападите од Навуходоносоровата војска. Совршено сосидан, тој прилегал на еден цврст камен, изваден од каменоломот. Како тие силни ѕидови можат да бидат срушени, тоа учениците никако не можеле да го сфатат. {КВ 627.1}

Што можел да размислува Отфрлениот, кога учениците му обрнале внимание на величественоста на храмот? Сцената пред Него навистина била прекрасна, но Тој рекол дека сето тоа го гледа со тага. Зградата навистина е величествена. Вие покажувате на овие ѕидови како да се навидум неуништливи, но сослушајте ги Моите зборови: Ќе дојде ден кога „овде нема да остане ниту камен на камен, што не ќе биде урнат”. {КВ 627.2}

Тие зборови Христос ги изговорил пред голем број луѓе; меѓутоа, кога бил сам, Му пристапиле Петар, Јован, Јаков и Андреја додека седел на Маслиновата Гора. Тие рекле: „Кажи ни кога ќе биде тоа и кој е знакот на Твоето доаѓање и на крајот на светот?“ Во Својот одговор на учениците, Исус не го одвоил разурнувањето на Ерусалим од големиот ден на Своето доаѓање. Тој ги поврзал описите на овие два настани. Кога на Своите ученици би им ги покажал идните настани онака како што ги видел Тој, тие не би можеле да ја поднесат таа сцена. Од љубов кон нив, Тој го споил описот на овие две големи кризи, препуштајќи им на учениците сами да го пронајдат значењето. Кога говорел за уништувањето на Ерусалим, Неговите пророчки зборови го надминувале тој настан и укажувале на конечната пропаст, во денот, кога Господ ќе стане од Своето место за да го казни светот поради неговите беззаконија, кога земјата ќе ја открие својата крв и веќе нема да ги покрива погубените. Овој цел говор не бил упатен само на учениците, туку и на оние кои ќе живеат во последните настани на земната историја. {КВ 628.1}

Обраќајќи им се на учениците, Христос рекол: „Внимавајте некој да не ве измами. Зашто мнозина ќе дојдат во Мое име, говорејќи: Јас сум Христос и ќе измамат мнозина”. Ќе се појават многу лажни месии, тврдејќи дека се во состојба да прават чуда и изјавувајќи дека дошло време за избавување на еврејскиот народ. Тие луѓе ќе заведат многумина. Христовите зборови се исполниле. Во времето меѓу Неговата смрт и опсадата на Ерусалим, дошло до појава на многу лажни месии. Меѓутоа, тоа предупредување е дадено и на оние кои живеат во денешно време. Истите оние

измами кои се спроведувале пред разурнувањето на Ерусалим, се спроведувале во сите векови, а ќе се спроведуваат и понатаму. {КВ 628.2}

„Ќе слушнете за војни и гласови за војни. Гледајте да не се вознемирувате; зашто сето тоа мора да се случи, но тоа уште не е крајот". Пред разурнувањето на Ерусалим, луѓето се бореле за превласт. Царевите биле убивани. Биле убивани оние за кои се мислело дека се најблизу до престолот. Имало војни и гласови за војни. „Сето тоа мора да се случи," рекол Исус, „но (за еврејскиот народ како народ) тоа уште не е крајот. Ќе се дигне народ против народ и царство против царство. Ќе има глад, помори и земјотреси по разни места. Но тоа е само почеток на неволјите". Христос рекол дека кога ќе ги видат тие знаци, рабините ќе зборуваат дека тоа е Божјиот суд над народите кои го држеле во ропство Неговиот избран народ. Ќе тврдат дека тие знаци го најавуваат доаѓањето на Месијата. Не бидете измамени; тоа е почеток на Божјите казни. Луѓето се грижеле само за себе. Не се покајале и не се обратиле за Бог да ги исцелува. Знаците што тие ќе ги прикажуваат како гаранција за своето ослободување од ропството ќе бидат знаци на нивната пропаст. {КВ 628.3}

„Тогаш ќе ве предадат на маки и ќе ве убиваат и сите народи ќе ве замразат заради Моето име. Тогаш мнозина ќе се соблазнат и еден со друг ќе се предаваат и еден со друг ќе се мразат". Христијаните го претрпеле сето ова. Татковците и мајките ги предавале своите деца. Децата ги предавале своите родители. Пријателите ги предавале своите пријатели на Синедрионот. Убивајќи ги Стефан, Јаков и други христијани, прогонителите ги остварile своите цели. {КВ 629.1}

Преку Своите слуги Бог му дал на еврејскиот народ последна можност да се покае. Тој се откривал преку Своите сведоци при нивното апсење, нивните судења и преку нивното затворање по затворите. Сепак, судиите им изрекувале смртни казни. Тоа биле луѓе за кои светот не бил достоен и со тоа што ги убивале, Евреите повторно Го распнувале Божјиот Син. Така ќе биде повторно. Властите ќе усвојуваат закони за ограничување на верската слобода. Тие ќе си го присвојат правото што му припаѓа исклучиво на Бога. Ќе сметаат дека можат да управуваат со совеста со која треба да владее само Бог. Тие почнуваат уште сега и ќе го продолжат ова дело сè додека не стигнат до границата преку која нема да можат да преминат. Бог ќе го земе во заштита Својот верен народ, кој ги држи Неговите заповеди. {КВ 630.1}

Секогаш, кога ќе настапат прогонства, оние што се сведоци на тоа, донесуваат одлуки или за Христа или против Него. Оние кои покажуваат наклонетост кон невино осудените, со тоа ќе ја покажат својата приврзаност кон Христа. Други се соблазнуваат бидејќи начелата на вистината директно ги погодуваат нивните постапки. Многумина се сопнуваат и паѓаат, одвојувајќи се од верата која некогаш ја застапувале. Оние што ќе отпаднат во време на неволја, ќе се трудат да ја сочуваат својата безбедност и затоа лажно ќе сведочат и ќе ги предадат своите браќа. Христос не предупредил на тоа за да не нè изненади неприродното, сурово однесување на оние кои ја отфрлиле светлината. {КВ 630.2}

Христос им дал на Своите ученици знак за пропаста што ќе го снајде Ерусалим и им кажал како да побегнат: „Кога ќе го видите Ерусалим опколен со војска, знајте дека е близу неговото опустување. Тогаш оние што се во Јудеја нека бегаат во планините; и оние што ќе бидат во градот нека излезат надвор; а оние што се по околните места нека не влегуваат во него, зашто тоа се денови на одмазда, за да се исполни сè што е напишано". Таа опомена е дадена за да се обрне внимание на неа четириесет години

подоцна, при уништувањето на Ерусалим. Христијаните ја послушале опомената и ниту еден христијанин не настрадал при уништувањето на градот. {КВ 630.3}

„Молете се вашето бегање да не биде во зима ниту во сабота," рекол Христос. Оној што „ја создал саботата" не ја укинал, приковувајќи ја на крст. Светоста на саботата не престанала со Неговата смрт на крстот. Четириесет години учениците требало да се молат на Бога нивното бегање да не биде во сабота. {КВ 630.4}

Од уништувањето на Ерусалим, Христос брзо преминал на еден поголем настан, на последната алка во синџирот на историјата на оваа земја на доаѓањето на Божјиот Син во величество и слава. Меѓу овие два настани, Христос согледал долги векови на темнина, векови во кои Неговата црква ќе биде обележана со крв, солзи и агонија. Во тоа време учениците не биле во состојба да издржат такви сцени и Христос преминал преку нив, споменувајќи ги накратко. Тој рекол: „Тогаш ќе настапи толкава неволја, каква што немало од создавањето на светот досега, ниту ќе има таква. И кога не би се скратиле тие денови, никој не би се спасил. Но заради избраниците, тие денови ќе се скратат". Во текот на повеќе од илјада години Христовите следбеници биле изложени на прогонство какви што светот никогаш дотогаш не доживеал. Милиони и милиони Негови верни сведоци биле погубени. Бог да не ја пружил Својата рака за да го спаси Својот народ сите би биле уништени. „Но заради избраниците" вели Тој, „тие денови ќе се скратат". {КВ 630.5}

Сега, нашиот Господ со потполно јасни зборови зборувал за Своето второ доаѓање и предупредувал на опасноста што претходела на Неговото доаѓање на светот. „Ако некој ви каже: Еве, Христос е овде или онде не верувајте, затоа што ќе се појават лажни христоси и лажни пророци и ќе прават големи чуда и знаци за да ги заведат, ако е можно и самите избраници. Ете, ви кажав однапред. Затоа, ако ви кажат: Ене го во пустина немојте да излегувате. Ене го во тајни соби не верувајте. Затоа, како што молњата излегува од исток и светка до запад, така ќе биде и доаѓањето на Синот Човечки". Како еден од знаците на уништувањето на Ерусалим, Христос споменал: „Ќе излезат многу лажни пророци и ќе измамат мнозина". Лажните пророци се појавиле, мамејќи ги луѓето и одведувајќи мнозина во пустина. Тврдејќи дека располагаат со чудна сила, волшебниците и гатачите ги одвлекувале луѓето со себе во самотијата на планината. Но тоа пророштво било изречено и за последните денови. Таа појава ќе биде знак и на второто доаѓање. Дури и денес лажните христоси и лажните пророци покажуваат знаци и чуда за да ги заведат Христовите ученици. Зар не слушаме како викаат: „Ене го в пустина"? Зар илјадници луѓе не заминаа во пустината во надеж дека ќе го најдат Христа? И зар на илјадниците собири, на кои луѓето тврделе дека општат со починатите духови, не се слуша плач: „Ене го во тајни соби". Тоа е токму она што го тврди спиритизмот. Но што вели Христос? „Не верувајте. Затоа, како што молњата излегува од исток и светка до запад, така ќе биде и доаѓањето на Синот Човечки". {КВ 631.1}

Спасителот дава знаци на Своето доаѓање и повеќе од тоа, Тој одредува време кога ќе се појават првите од тие знаци: „И веднаш по неволјата на тие денови сонцето ќе се затемни, месечината нема да ја дава својата светлина, ѕвездите ќе попаѓаат од небото и небесните сили ќе се разнишаат. Тогаш на небесата ќе се појави знакот на Синот Човечки и ќе се расплачат сите земни племиња и ќе го видат Синот Човечки како Доаѓа на облаци со сила и голема слава. И тој ќе ги прати Своите ангели со силна труба и тие ќе ги соберат Неговите избраници, од четирите ветра, од едниот до другиот крај на небесата". {КВ 631.2}

При крајот на големото папско прогонство, објавил Христос, сонцето ќе замрачи, а месечината нема да ја дава својата светлина. Потоа ѕвездите ќе попаѓаат од небото. Тој вели: „Научете од параболата за смоквата: штом гранките ќе и станат нежни и ќе разлистаат, знаете дека е близу летото. Така и вие, кога ќе го видите сето ова, знајте дека е близу непосредно пред врата”. (Матеј 24:32,33) {КВ 632.1}

Христос дал знаци на Своето доаѓање. Тој вели дека можеме да знаеме кога Тој е близу, пред врата. За оние што ги гледаат тие знаци, Тој вели: „Ова поколение нема да помине додека не се исполни сето ова”. Овие знаци се покажале. Сега сигурно знаеме дека Господовото доаѓање е близу. „Небото и Земјата ќе поминат,“ кажува Тој, „но зборовите Мои нема да поминат”. {КВ 632.2}

Христос ќе дојде на облаците и со голема слава. Околу Него ќе се наоѓаат многубројни блескави ангели. Тој ќе дојде да ги подигне мртвите, а живите светии да ги промени од слава во слава. Ќе дојде да им укаже почест на оние кои Го љубеле и ги држеле Неговите заповеди и да ги земе кај Себе. Тој не заборавил на нив ниту на Своето ветување. Семејниот синџир повторно ќе ги поврзе. Кога мислиме на нашите починати, секогаш треба да го имаме на ум она утро кога ќе одекне Божјата труба и „мртвите ќе воскреснат нераспадливи, а ние ќе се преобразиме”. (1. Коринтјаните 15:52) Уште малку време и ќе Го видиме Царот во Неговата убавина. Уште малку време и Тој ќе ја избрише секоја солза од нашите очи. Уште малку време и Тој ќе не претстави како „непорочни пред Неговата слава со преголема радост”. (Јуда 24) Бидејќи дал знаци на Своето доаѓање, Тој рекол: „Кога ќе почне да се случува ова, исправете се и подигнете ги главите, зашто се приближува вашето избавување”. {КВ 632.3}

Меѓутоа, Христос не ги открил денот и часот на Своето доаѓање. Тој јасно им рекол на Своите ученици дека Тој самиот не може да го открие денот и часот на Неговото второ доаѓање. Кога би можел да го открие тоа, зошто би ги повикувал да бидат во став на постојано исчекување? Има луѓе кои тврдат дека точно го знаат денот и часот кога ќе се појави нашиот Господ. Тие многу сериозно ја претскажуваат иднината. Меѓутоа, Господ ги предупредил да го напуштат теренот на кој се наоѓаат. Точното време на доаѓањето на Синот Човечки е Божја тајна. {КВ 632.4}

Опишувајќи ја состојбата на светот при Неговото доаѓање, Христос продолжил: „Како што беше во деновите на Ное, така ќе биде и при доаѓањето на Синот Човечки. Зашто, како во деновите пред потопот, јадеа и пиеја, се женеа и се мажеа сè до денот кога Ное влезе во коработ, и не знаеја додека не дојде потопот и ги однесе сите, така ќе биде и при доаѓањето на Синот Човечки”. Христос овде не укажува на земни илјада години во текот на кои сите треба да се подготват за вечноста. Тој ни вели дека како што беше во деновите на Ное, така ќе биде кога Синот Човечки повторно ќе дојде. {КВ 633.1}

Како било во времето на Ное? „Господ виде дека човековата злоба на Земјата е голема и дека секоја помисла во неговиот ум е секогаш само зло”. (Создавање 6:5) Жителите на претпотопниот свет се одвратиле од Јехова и одбиле да ја творат Неговата света волја. Тие се поведувале по својата сопствена безбожна фантазија и изопачени поими. Тие биле уништени заради нивното беззаконие, а светот денес оди по истиот пат. Во него нема никакви ласкави знаци за илјадагодишна слава. Престапниците на Божјиот закон ја исполнуваат Земјата со зло. Нивното обложување, нивните коњски трки, нивното коцкање, нивната расипаност, нивните похотни практики, нивните нескротливи страсти сето тоа брзо го исполнува светот со насилство. {КВ 633.2}

Во пророштвото за уништувањето на Ерусалим Христос рекол: „Беззаконието ќе се зголеми и љубовта кон мнозина ќе се излади. Но кој ќе истрае до крај, ќе биде спасен. И ова евангелие за царството ќе се проповеда по сиот свет, за сведоштво на сите народи и тогаш ќе дојде крајот". Тоа пророштво повторно ќе се исполни. Беззаконијата кои изобилувале во тоа време се повторуваат и во ова поколение. Така е и со пророштвото за проповедање на евангелието. Пред падот на Ерусалим, Павле, пишувајќи според вдахновението на Светиот Дух, објавил дека евангелието му е објавено „на секое создание под небото". (Колосјаните 1:23) Така и денес, пред доаѓањето на Синот Човечки, вечното евангелие мора да се проповеда „на секое племе, колено, јазик и народ". (Откровение 14:6, 14) Бог „одредил ден во кој ќе му суди на светот". (Дела 17:31) Христос ни кажува кога ќе дојде тој ден. Тој не рекол дека сиот свет ќе се обрати, туку дека „ова евангелие за царството ќе се проповеда по сиот свет за сведоштво на сите народи и тогаш ќе дојде крајот". Проповедајќи го евангелието по светот, ние сме во можност да го забрзаме доаѓањето на Господа. Ние не треба само да го очекуваме, туку и да го забрзаме доаѓањето на Божјиот ден. (2. Петрово 3:12) Кога Христовата црква би го извршила делото кое Господ и го наменил, сиот свет би бил опоменат, а Господ Исус Христос веќе би дошол на нашата Земја со сила и голема слава. {КВ 633.3}

Кога ги соопштил знаците на Своето доаѓање, Христос рекол: „Кога ќе видите дека ова се исполнува, знајте дека е близу Божјото царство". „Внимавајте, бидете будни и молете се". Бог секогаш ги предупредувал луѓето на претстојните казни. Оние кои верувале во Неговата вест за тоа време и кои постапиле според својата вера, во покорност на Неговите заповеди ги избегнувале казните кои ги снашле непослушните и неверните. На Ное му било заповедано: „Влези во ковчегот ти и твоето семејство, зашто те видов праведен пред Мене". Ное послушал и бил спасен. На Лот му била упатена веста: „Станете, напуштете го тоа место, зашто Господ ќе го уништи овој град". (Создавање 7:1; 19:14) Лот бил под заштита на небесните гласници и бил спасен. Така на Христовите ученици им била дадена опомена за уништувањето на Ерусалим. Оние што внимавале на знакот на претстојната пропаст и кои побегнале од градот, го избегнале уништувањето. Така и нам сега ни се дава опомена за второто Христово доаѓање, и уништување кое ќе го снајде светот. Оние што ќе ја послушаат опомената, ќе бидат спасени. {КВ 634.1}

Бидејќи не го знаеме точното време на Неговото доаѓање, имаме налог да стражариме. „Блазе на оние слуги кои, кога ќе дојде господарот, ќе ги најде како бдеат" (Лука 12:37) Оние што го очекуваат Господовото доаѓање, не безделничат. Очекувањето на Христовото доаѓање треба да ги наведе луѓето да се плашат од Господа и од Неговата казна за престапите. Тоа треба да им укаже на големиот грев на отфрлањето на Неговата понудена милост. Оние кои Го чекаат Господа, ја чистат својата душа со покорување на вистината. Стражарејќи будно, тие истовремено и вредно работат. Бидејќи знаат дека Господ е пред вратата, нивната ревност е оживеана да соработуваат со божествените претставници, залагајќи се за спасение на душите. Тоа се верни и мудри слуги кои му ја даваат на Господовиот дом „потребната храна навреме". (Лука 12:42) Тие ја објавуваат вистината која особено важи за сегашното време. Како што Енох, Ное, Авраам и Мојсеј ја објавувале вистината за свое време, така Христовите слуги сега ќе ја објават посебната опомена за своето поколение. {КВ 634.2}

Меѓутоа, Христос укажува и на оние други слуги. „Но ако лошиот слуга си каже во своето срце: Мојот господар нема да дојде скоро и ако почне да ги бие другите слуги и

и да јаде и да пие со пијаниците, ќе дојде неговиот господар во ден кога не го очекува и во час што не го знае”. {КВ 634.3}

Лошиот слуга вели во своето срце: „Мојот господар нема да дојде скоро”. Тој не вели дека Христос нема да дојде. Тој не ја исмева идејата за Неговото второ доаѓање. Меѓутоа, во своето срце и со своите постапки и зборови тој зборува дека Господ нема уште долго да дојде. Во душите на другите тој го уништува уверувањето дека Господ брзо ќе дојде. Неговото влијание ги наведува луѓето да станат дрски и безгрижни во доцнењето и тие се зацврстуваат во нивната световност и тапост. Духот подлегнува на земните страсти и расипаните мисли. Лошиот слуга јаде и пие со пијаниците, се обединува со светот во барање на задоволства. Тој ги тепа другите слуги, обвинувајќи ги и осудувајќи ги оние кои се верни на својот Господ. Тој се меша со светот. Сличниот се обединува со сличните во престапот. Тоа е страшно прилагодување. Заедно со светот тој запаѓа во стапица. „Ќе дојде неговиот господар... во час што не го знае, па ќе го расече и ќе му одреди судбина меѓу лицемерите”. {КВ 635.1}

„Ако не бдееш, ќе ти дојдам како крадец и нема да знаеш во кој час ќе дојдам врз тебе”. (Откровение 3:3) Христовото доаѓање ќе ги изненади лажните учители. Тие зборуваат: „Мир и сигурност”. Како и свештениците и учителите пред падот на Ерусалим, тие сакаат црквата да постигне земен просперитет и слава. Тие ги толкуваат знаците на времето како токму тоа да го претскажуваат. Но, што вели Речта на Вдахновението? „Тогаш одненадеж врз нив ќе падне погибел”. (1. Солунјаните 5:3) Денот Господен ќе дојде како стапица за сите што живеат на Земјата, на сите што од овој свет прават свој дом. Тој ќе дојде за нив како крадец што се притајува. {КВ 635.2}

Светот, полн со развратен живот, полн со безбожни задоволства, спие, спие во телесна сигурност. Луѓето го одложуваат Господовото доаѓање. Тие се потсмеваат на опомените. Горделиво се фалат: „Сè стои така како што било од почетокот”. „И утре ќе биде како и денеска, дури и поизобилно”. (2. Петрово 3:4; Исаија 56:12) Сè подлабоко ќе тонеме во љубовта кон задоволство. Меѓутоа, Христос вели: „Еве, Доаѓам како крадец”. (Откровение 16:15) Знаците се исполнуваат токму во моментот кога светот во исмејување прашува: „Каде е ветувањето за Неговото доаѓање?“ Неочекуваната пропаст наидува токму тогаш кога луѓето зборуваат: „Мир и сигурност”. Кога оние што се потсмеваат и ја отфрлаат вистината ќе станат самоуверени, кога рутината на работата во разните методи за заработка на пари се одвива не водејќи сметка за начелата, кога ученикот желно бара знаење насекаде освен во Библијата тогаш Христос ќе дојде како крадец. {КВ 635.3}

Целиот свет е вознемирен. Знаците на времето се застрашувачки. Настаните што следат фрлаат свои сенки пред себе. Божјиот Дух се повлекува од Земјата, а на копно и на море се случуваат несреќи една по друга. На Земјата наидуваат бури, земјотреси, пожари, поплави и убиства од секаков вид. Кој може да ја прочита иднината? Каде е безбедноста? Ништо што е човечко или земно не овозможува сигурност. Луѓето брзо се редат под знамето кои сами го одбрале. Неспокојно тие чекаат и ги набљудуваат постапките на своите водачи. Има души кои чекаат и стражарат, работејќи на доаѓањето на нашиот Господ. Други се редат под командата на првиот голем отпадник. Малку се оние кои со срце и душа веруваат дека постои пекол што треба да се избегне и небо што треба да се задобие. {КВ 636.1}

Кризата полека ни се прикрадува. Сонцето свети на небото, минувајќи по својот вообичаен пат и небото сè уште ја објавува Божјата слава. Луѓето сè уште јадат и пијат, садат и жидаат, се женат и мажат. Трговците сè уште купуваат и продаваат. Луѓето

меѓусебно се судираат, борејќи се за највисоки позиции. Љубителите на задоволства сè уште ги полнат театрите, коњските трки и казината. Насекаде владее голема возбуденост, но времето на милост бргу се приближува кон крајот и сечија судбина ќе биде решена за вечност. Сатаната гледа дека му останува малку време. Тој ги ставил сите свои посредници и сили во движење за да ги измами луѓето, да ги освои и да ги заведе додека не заврши времето на проба и додека вратата на милост засекогаш не се затвори. {КВ 636.2}

Низ вековите и до нас допираат опомените на нашиот Господ од Маслиновата Гора: „Внимавајте на себеси за вашите срца да не бидат преоптоварени со прејадување, пијанство и грижите на животот, за тој ден да не ве затече ненадејно". „Бдејте и молете се постојано за да се удостоите да го избегнете сето она што ќе се случи и да застанете пред Синот Човечки". {КВ 636.3}

70. „НА ЕДЕН ОД ОВИЕ МОИ НАЈМАЛИ БРАЌА"

Оваа поглавје е засновано на Матеј 25:31-46.

„Кога ќе дојде Синот Човечки во Својата слава, во придружба на сите свети ангели, тогаш ќе седне на престолот на Својата слава и пред Него ќе се соберат сите народи и Тој ќе ги раздели едни од други". Така Христос, на Маслиновата Гора им ги опишал на Своите ученици сцените на големиот суден ден и навестил дека одлуката на тој суд ќе зависи од една работа што ја истакнал. Кога сите народи ќе бидат собрани пред Него, ќе постојат само две групи, а нивната вечна судбина ќе биде одредена според она што го направиле или пак пропуштиле да го направат за Него во лицата на сиромашните и страдалниците. {КВ 637.1}

Тој ден Христос нема да им го прикаже на луѓето големото дело кое Тој го направил за нив, давајќи го Својот живот за нивно откупување, туку верно ќе им го прикаже она што го направиле за Него. На оние кои ќе ги постави од Својата десна страна, Тој ќе им каже: „Дојдете, благословени на Мојот Татко, наследете го царството што ви е приготвено од создавањето на светот; Зашто бев гладен и Ми дадовте да јадам; бев жеден и Ме напоивте, бев странец и Ме примивте; бев гол и Ме облековте; бев болен и Ме посетивте; бев во затвор и дојдовте при Мене". Меѓутоа, оние на кои Христос ќе им ги упати овие зборови, не знаат дека Му го направиле тоа. На нивните поставени прашања полни со чудење, Тој одговара: „Доколку му направивте на еден од овие Мои најмали браќа, Мене ми направивте". {КВ 637.2}

Исус им рекол на Своите ученици дека ќе ги замразат сите луѓе, дека ќе ги прогонуваат и ќе им задаваат болка. Многумина од нив ќе бидат истерани од своите домови и изложени на сиромашност. Многумина ќе се најдат во неволја поради болест или сиромаштија. Многумина ќе завршат во затвор. На сите оние што ќе се откажат од пријателите и семејството заради Него, Тој им ветил стократно повеќе во овој живот. Сега им ветил посебен благослов на сите што ќе им помогнат на своите браќа. Во сите што страдаат поради Моето име, рекол Исус, треба да Ме препознаете Мене. Сè што би направиле за Мене, тоа треба да го направите и за нив. Тоа е доказ дека сте Мои ученици. {КВ 637.3}

Сите оние што се родени во небесното семејство се во една посебна смисла Христови браќа. Христовата љубов ги поврзува меѓусебно членовите на Неговото

семејство и секаде каде што се манифестира таква љубов, се открива и божественото сродство. „Секој кој љуби од Бога е роден и Го познава Бога“ (1. Јованово 4:7) {КВ 638.1}

Оние кои Христос ќе ги пофали на судниот ден можеби многу малку знаат за теологијата, но се придржувале за Неговите начела. Под влијание на Божествениот Дух тие биле благослов за својата околина. Дури и меѓу незнабошците има луѓе што негуваат дух на љубезност. Тие биле пријателски расположени кон мисионерите пред да допрат зборовите на живот до нивните уши, па дури и им служеле, изложувајќи го на опасност сопствениот живот. Меѓу незнабошците има луѓе кои, без да знаат, Му служат на Бога, луѓе на кои светлината никогаш не им била пренесена преку некое човечко орудие, но кои Сепак нема да пропаднат. Иако не знаеле за пишаниот Божји закон, тие Го слушнале Неговиот глас како им зборува во природата и го правеле она што го барал Законот. Нивните дела говорат дека Светиот Дух ги допрел нивните срца и тие ќе бидат признаени како Божји деца. {КВ 638.2}

Колкумина ќе бидат изненадени и колку ќе се израдуваат неистакнатите и понизни луѓе меѓу разните незнабожечки народи, кога од усните на Спасителот ќе ги слушнат зборовите на признание: „Доколку му направивте на еден од овие Мои најмали браќа, Мене ми направивте”. Колку радосно ќе заигра срцето на Бескрајната љубов, кога со зборови на одобрување ќе ги изненади и израдува Своите следбеници! {КВ 638.3}

Меѓутоа, Христовата љубов не се ограничува на некој одреден круг на луѓе. Тој се поистоветува со секое дете на човечкото семејство. Тој станал член на земното семејство за ние да станеме членови на небесното семејство. Тој станал Син Човечки, а на тој начин и брат на секој син и ќерка на Адамовото семејство. Неговите следбеници не смеат да се чувствуваат одвоени од светот што пропаѓа околу нив. Тие се составен дел на големото ткиво на човештвото; и Небото гледа на нив како на браќа на грешниците, како и на светиите. Христовата љубов го прегрнува паднатиот, заблудениот и грешниот; секое дело на љубовта направено за да се подигне една падната душа, секоја постапка на милосдрие се прифаќа како да му е сторена на Христа. {КВ 638.4}

Небесните ангели се испратени да им служат на оние кои ќе бидат наследници на спасението. Ние сега сè уште не знаеме кои се тие, сè уште не се знае кој ќе извојува победа и ќе учествува во наследството на светите во светлината; меѓутоа, небесните ангели поминуваат насекаде низ Земјата, настојувајќи да ги утешат тажните, да ги заштитат загрозените, да ги придобијат срцата на луѓето за Христа. Тие не запоставуваат никого ниту го заобиколуваат. Бог не гледа на тоа кој е кој и Тој подеднакво води грижа за секоја душа која е Негово создание. {КВ 639.1}

Кога ќе ја отворите својата врата за Христовите сиромашни и оние кои страдаат, вие ги примате со добредојде невидливите ангели. Со тоа го повикувате друштвото на небесните суштества. Тие донесуваат со себе света атмосфера на радост и мир. Тие доаѓаат со благодарност на своите усни, а одекот од тоа се слуша на Небото. Секое дело на милост на Небото, одзвонува како музика. Таткото на Својот престол ги вбројува несебичните работници во свое најдрагоцено богатство. {КВ 639.2}

Оние кои Христос ќе ги стави од Својата лева страна, оние кои Го запоставиле во лицата на сиромашните и на оние кои страдаат, не се свесни за својата вина. Сатаната ги заслепил и тие не увиделе што им должат на своите браќа. Тие биле обземени од себе и не се грижеле за потребите на другите. {КВ 639.3}

На богатите Бог им дал богатство, за да им помогнат и да ги ублажат страдањата на Неговите деца што страдаат, но тие премногу често се рамнодушни кон потребите на

другите. Тие се сметаат себеси за посупериорни од своите сиромашни браќа. Тие не се ставаат себеси во положба на сиромашните. Тие не ги разбираат искушенијата и борбите на сиромашните и во срцата на таквите, умира милоста. Не само во своите скапоцени живеалишта, туку и во величествените цркви, богатите се повлекуваат од сиромашните. Средствата кои, според Божјата намена, би требало да послужат на благослов на другите, се трошат на угодување на горделивоста и себичноста. Сиромашните секојдневно се поткрадуваат од спознавањето што тие треба да го имаат во поглед на нежната Божја милост затоа што Тој изобилно се погрижил за тие да бидат снабдени со основните животни потреби. Тие се принудени да трпат сиромаштија која го ограничува начинот на живот и често доаѓаат во искушение да станат љубоморни, завидливи и полни со зли претпоставки. Оние што не почувствувале сиромаштија, мошне често постапуваат со презир кон сиромасите и со своите постапки им ставаат на знаење дека ги сметаат за бедни луѓе. {КВ 639.4}

Меѓутоа, Христос го гледа сето тоа и Тој вели: „Јас бев оној што беше гладен и жеден. Јас бев оној што беше странец. Јас бев оној што беше болен. Јас бев оној што беше во затвор. Додека вие се наслаадувавте на своите раскошно поспани трпези, јас гладував во колиба или на улица. Додека вие уживавте во своите раскошни домови, Јас немав каде да ја засолнам главата. Додека вие натрупувавте за себе скапоцена облека, Јас живеев во скудност. Додека вие уживавте во задоволствата, Јас гниев во затвор". {КВ 639.5}

„Ако на гладниот сиромав човек сте му дале парче леб, ако сте му дале некоја износена облека за да се заштити од студот, дали сте помислиле дека сте Му дале на Господ на славата? Секој ден од вашиот живот Јас бев блиску до вас во лицето на тие страдалници, но не Ме баравте. Не сакавте да бидете во заедница со Мене. Јас не ве познавам. {КВ 640.1}

Да се има можност да се посетат местата во кои престојувал Христос додека престојувал на Земјата, да се оди по патеките по кои пешачел Тој, да се набљудува езерото покрај кое Тој сакал да поучува и планините и долините на кои толку често се одморал Неговиот поглед, многумина сметаат дека е голема привилегија. Меѓутоа, за да одиме по Исусовите стапки не е потребно да одиме во Назарет, Капернаум или Витанија. Неговите стапки можеме да ги најдеме покрај постелата на Болниот, во колибите на сиромашните, на преполните улици на големите градови и на секое место каде што човечките срца копнеат за утеха. По Христовите стапки одиме тогаш кога постапуваме онака како што постапувал Тој додека бил на Земјата. {КВ 640.2}

Секој од нас може нешто да направи. „Сиромасите ги имате секогаш при себе" (Јован 12:8), рекол Исус, и никој не треба да чувствува дека нема место каде што би можело да се работи за Него. Милиони и милиони човечки души, подготвени да пропаднат во оковите на незнаење и грев, никогаш не ни слушнале за Христовата љубов кон нив. Кога ние би се нашле во нивна положба, а тие во наша, што би сакале тие да направат за нас? Наша свечена обврска е да го правиме сето тоа за нив колку што е во наша моќ. Христовото животно правило, врз основа на кое секој од нас ќе опстане или падне на судот, гласи: „Сè што сакате вам да ви прават луѓето, правете им и вие ним". (Матеј 7:12) {КВ 640.3}

Спасителот го дал Својот драгоцен живот за да основа една таква црква, која ќе биде во состојба да води грижа за душите што се ожалостени и што се изложени на искушение. Една група верници, кои иако можеби се сиромашни, необразовани и непознати може, со Христова помош, да извршуваат работа во домот, во соседството,

во црквата, па дури и во далечни краишта, чијшто резултат ќе биде далекусежен како вечноста. {КВ 640.4}

Поради тоа што ова дело се запоставува, многумина од помладите ученици не отишле во христијанското искуство подалеку од првите букви од азбуката. Помагајќи им на оние на кои им е потребна помош, тие во своето срце би ја зачувале онаа светлина што ги осветлила кога Христос проговорил: „Ти се простуваат твоите гревови". Нескротливата енергија која многу често за младите претставува извор на опасност, би можела да се насочи во канали преку кои се влевала во река на благослови. Тогаш, со сесрдно залагање за доброто на другите себичноста би била целосно заборавена. {КВ 640.5}

На оние што им служат на другите, ќе им послужи Големиот Пастир. Тие самите ќе пијат од водата на животот и ќе бидат напоени. Тие нема да копнеат по возбудливи задоволства, ниту по какви било промени во својот живот. Прашањето што ги интересира многу повеќе од сè друго гласи: Како да ги спасиме душите што се на работ на пропаста? Во тој случај нивното дружење со другите ќе биде корисно. Љубовта кон Откупителот ги обединува срцата на луѓето. {КВ 641.1}

Кога ќе сфатиме дека сме Божји соработници, тогаш за Неговите ветувања не можеме рамнодушно да зборуваме. Тие ветувања тогаш ќе пламтат во нашето срце и ќе одзвонуваат од нашите усни. Кога бил повикан да му служи на еден неук, недисциплиниран и бунтовен народ, Бог на Мојсеј му дал ветување: „Моето лице ќе врви со тебе и ќе ти дадам одмор". И Тој рекол: „Несомнено, Јас ќе бидам со тебе" (Излез 33:14; 3:12) Ова ветување важи за сите оние, кои наместо Христа се залагаат за Неговите неволни и страдалници. {КВ 641.2}

Љубовта кон човекот е земски израз на љубовта кон Бога. Царот на славата стана едно со нас за да ја всади таа љубов во нас, за да не направи деца на едно семејство. Кога ќе се исполнат Неговите зборови што ги кажал пред заминување: „Да се љубите еден со друг како што Јас ве возљубив вас". (Јован 15:12); кога ќе го сакаме овој свет како што го сакал Тој, тогаш е остварена Неговата мисија за нас. Тогаш сме подготвени за Небото, бидејќи Небото се наоѓа во нашето срце. {КВ 641.3}

Меѓутоа, „ако се воздржиш да ги избавиш оние што ги водат во смрт и оние кои ги носат на губилиште. Ако кажеш: Ете, ние не го знаевме тоа, не разбира ли Оној, Кој ги испитува срцата? И не знае ли Оној, Кој ти ја чува душата? И нели му плаќа Тој секому според неговите дела?" (Изреки 24:11,12) Во тој голем ден на судот, сите оние кои не работеле за Христа, кои живееле мислејќи само на себе и грижејќи се само за себе, Судијата на целата Земја ќе ги постави заедно со оние што чинеле зло. Тие ќе примат иста осуда. {КВ 641.4}

На секоја душа и е доверена некоја должност. Големиот Пастир ќе му постави прашање на секој поединец: „Каде е стадото што ти беше доверено, твоето убаво стадо?" И, „што ќе кажеш кога Тој ќе те казни?" (Еремија 13:20,21) {КВ 641.5}

71. СЛУГА НА СЛУГИТЕ

Оваа поглавје е засновано на Лука 22:7-18.24; Јован 13:1-17.

Во горната соба во едно живеалиште во Ерусалим, Христос седел на трпезата со Своите ученици. Тие се собрале да го прославаат празникот Пасха. Спасителот сакал на

таа свеченост да биде сам со дванаесеттемина. Знаел дека дошол Неговиот час. Тој требало да биде вистинското пасхално јагне и да биде жртвуван за време на празникот. Мигот кога требало да ја испие чашата не гневот, веќе бил пред Него. Наскоро ќе мора да биде крстен со последното страдалничко крштевање. Меѓутоа, Му преостанувале уште неколку мирни часови, кои сакал да им ги посвети на Своите сакани ученици. {КВ 642.1}

Целиот Исусов живот бил посветен на несебична служба. „Не да Му служат, туку да служи“ (Матеј 20:28), била поуката на секое Негово дело. Меѓутоа, учениците сè уште не успеале да ја научат таа поука. На оваа последна пасхална вечера Исус го повторил ова Свое учење со таква сликовитост, која се втиснала засекогаш во мислите и срцата на учениците. {КВ 642.2}

Разговорите меѓу Христа и Неговите ученици обично се одвивале во атмосфера на спокојна радост, која сите високо ја ценеле. Пасхалните вечери претставувале посебно привлечна и интересна сцена. Меѓутоа, овој пат, Исус бил многу загрижен. На срцето носел огромен товар, а на лицето Му се гледала сенка на тага. Кога се собрале во горната соба, учениците забележале дека нешто тешко ја притиска Неговата душа и иако не знаеле што е причина за тоа, сочувствувале со Него во Неговата болка. {КВ 642.3}

Кога се собрале околу масата, со тажен глас Исус рекол: „Многу сакав да ја јадам со вас оваа пасха пред да пострадам, зашто ви велам дека нема повеќе да ја јадам, додека не се исполни во Божјото царство. Тогаш ја зеде чашата, заблагодари и рече: Земете ја и поделете ја меѓу себе, зашто ви велам дека отсега нема повеќе да пијам од лозовиот род додека не дојде Божјото царство”. {КВ 643.1}

Христос знаел дека настапило времето кога треба да го напушти овој свет и да му се врати на Својот Татко. Бидејќи ги љубел Своите кои биле во светот, Тој ги љубел до крај. Сега Тој се наоѓал во сенката на крстот и болка Го притискала Неговото срце. Знаел дека ќе биде напуштен во часот на Неговото предавање. Знаел дека ќе биде погубен на начин кој најмногу понижува и кој се применува на најголемите злосторници. Тој ја знаел неблагодарноста и суровоста на оние кои дошол да ги спаси. Му била позната големината на жртвата која морал да ја поднесе, како и фактот дека таа жртва за многумина ќе биде напразна. Бидејќи знаел што Го очекува, можеби би било природно да биде обземен од мислите за Своето понижување и страдање. Меѓутоа, Тој ги набљудувал Своите дванаесет ученици, оние кои биле со Него како Негови најблиски и кои по Неговото срамно и Болно понижување, Неговите маки и страдања, ќе останат сами да се борат во светот. Неговите размислувања за страдањата што Го очекуваат секогаш биле поврзани за учениците. Тој не размислувал за Себе. Неговата грижа за нив била на прво место во Неговиот ум. {КВ 643.2}

Таа последна вечер која ја поминал со Своите ученици, Исус имал многу да им каже. Кога тие би биле подготвени да го примат она што Тој сакал да им го пренесе, би биле поштедени од многу душевни маки, разочарувања и сомнежи. Меѓутоа, Исус видел дека тие не можат да го поднесат она што требало да им го каже. Кога погледнал во нивните лица, зборовите на опомена и утеха би запреле на Неговите усни. Миговите поминувале во тишина. Изгледало дека Исус нешто очекува. Учениците се чувствувале непријатно. Како да исчезнало она сочувство и нежност, кои Христовата тага ги разбудила во нивното срце. Неговите зборови полни со болка, зборови кои укажувале на Неговото страдање, не оставиле голем впечаток на нив. Погледите што си ги упатувале еден на друг откривале љубомора и расправија. {КВ 643.3}

И „настана препирање меѓу нив околу тоа кој од нив бил требало да се смета за најголем”. Таа расправа, која продолжувала и во Христово присуство, го ожалостила и Болно Го навредила. Учениците цврсто се држеле за својата омилена идеја дека Христос ќе ја воспостави Својата власт и ќе го заземе Своето место на Давидовиот престол. И секој од нив во својата душа копнеел по највисока положба во тоа царство. Имајќи лично мислење за себе и за другите, наместо да си укажуваат почест еден на друг, секој себеси се ставал на прво место. Барањето на Јаков и Јован да седнат еден од левата, а друг од десната страна на Христовиот престол, предизвикало разлутеност кај останатите. Осмелувајќи се да бараат највисока положба, Јаков и Јован предизвикале револт кај останатите десетмина до таа мера што се заканувала опасност од отуѓување. Сметале дека овие двајца погрешно расудувале за останатите, потценувајќи ја нивната лојалност и нивните способности. Во осудувањето на Јаков и Јован, Јуда бил најостар. {КВ 643.4}

Кога учениците влегле во собата каде што им била подготвена вечера, срцата им биле полни со огорченост. Јуда се протуркал до Христа и седнал од Неговата лева страна; од десната страна бил Јован. Ако постоело највисоко место, Јуда бил одлучен тој да го заземе, а тоа место, според неговото мислење, било веднаш до Христа. Јуда всушност бил предавник. {КВ 644.1}

Се појавила уште една причина за неслога. За време на празникот постоел обичај еден слуга да ги измие нозете на гостите и во оваа прилика биле извршени сите подготовки за тоа. Садот со вода, мијалникот, крпата сè што било потребно за миење на нозете било тука; но немало слуга, па должноста морале да ја извршат самите ученици. Меѓутоа, поведувајќи се од чувството на повредена гордост, секој еден од учениците бил одлучен да не врши должност на слуга. Сите покажувале студена рамнодушност, наводно несвесни за задачата која морала да се изврши. Со своето молчење тие одбиле да се понизат себеси. {КВ 644.2}

Како Христос можел да ги освести тие бедни души, за сатаната да не ги совлада целосно? Како да им покаже дека самото исповедање дека се ученици не ги прави Негови ученици и дека тоа не може да им овозможи место во Неговото царство? На кој начин може да им покаже дека службата извршена со љубов и вистинската понизност ја претставуваат вистинската големина? Како да се разбуди љубовта во нивното срце и да се оспособат да го сфатат она што толку посакувал да им го каже? {КВ 644.3}

Ниту еден од учениците не направил ниту најмало движење со цел да им послужи на своите браќа. Исус чекал извесно време да види што ќе направат тие. Потоа Тој божественият Учител, станал од трпезата. Соблекувајќи ја надворешната облека што би му пречела во работата, Тој ја земал крпата и се опашал. Изненадени, учениците гледале во Него и во тишина, набљудувале што ќе се случи понатаму. „Потоа налеа вода во мијалникот и почна да им ги мие нозете на учениците и да им ги брише со крпата со која беше опашан”. Таа постапка конечно им ги отворила очите на учениците. Срцето им се исполнило со горчлив срам и понижување. Го сфатиле неискажаниот прекор и се согледале себеси во целосно нова светлина. {КВ 644.4}

Така Христос ја изразил Својата љубов кон Своите ученици. Нивниот себичен дух го исполнил со жалост, но не се впуштал во расправа во поглед на нивните меѓусебни тешкотии. Наместо тоа, Тој им дал пример кој тие никогаш нема да го заборават. Неговата љубов кон нив не можела ништо да ја поколеба или задуши. Знаел дека Таткото се Му предал во раце, дека дошол од Бога и дека повторно заминува кај Него. Тој бил наполно свесен за Своето божество, но ја оставил настрана Својата царска круна

и царската облека и зел на Себе облик на слуга. Една од последните постапки на Неговиот живот на оваа Земја била да се опаше како слуга и да изврши должност на слуга. {КВ 644.5}

Пред Пасха, Јуда и по вторпат се сретнал со свештениците и книжниците и склучил спогодба да им Го предаде Исуса во раце. Сепак, по сето тоа Тој повторно се вмешал меѓу учениците како да не направил никакво зло и заедно со нив учествувал во подготовката за празникот. Учениците не знаеле ништо за целта на Јуда. Само Исус можел да ја прочита таа тајна. Сепак, Тој не сакал да го изобличи. Исус копнеел по неговата душа. Ја чувствувал по него истата онаа болка што Го обземала кога, набљудувајќи го Ерусалим, заплакал над градот осуден на пропаст. Срцето тажно вапело: „Како да те дадам?“ Силата на таа љубов ја почувствувал и Јуда. Кога Христос со Своите раце ги миел валканите нозе и ги бришел со крпа, Јудиното срце затреперило и почувствувал потреба веднаш да го признае својот грев. Но не сакал да се понизи. Тоа срце било премногу тврдо за да може да се покае и старите побуди, кои за момент биле потиснати, повторно завладеале со него. Јуда се соблазнил што Исус им ги миел нозете на Своите ученици. „Кога Исус можел да се понизи до таа мера“ мислел Јуда „тогаш Тој не е Израелски цар”. Сета надеж за световна чест во едно земно царство, пропаднала. Јуда бил уверен дека не може да добие ништо доколку и понатаму оди со Христа. Кога видел дека Христос според негово мислење сам се деградирал, Јуда уште поцврсто одлучил да се откаже од Него и да се прикаже како да бил измамен. Тој целосно се предал на власта на демоните и одлучил до крај да го спроведе планот на кој се согласил, предавајќи го својот Господ. {КВ 645.1}

Бирајќи место на трпезата, Јуда сам се ставил себеси на прво место, па Христос, во улога на слуга, прв му послужил нему. Јован, кон кого Јуда чувствувал толку голема горчина, бил оставен последен. Меѓутоа, Јован не го сметал тоа како укор или омаловажување. Набљудувајќи ги Христовите постапки, учениците биле длабоко возбудени. Кога дошол ред на Петар, тој извикал во чудење: „Господе, зар Ти ќе ги миеш моите нозе?“ Христовата понизност му го скршила срцето. Помислата дека ниту еден од учениците не се согласил да ја изврши таа должност го исполнувала со срам. Тој рекол: „Она што го правам Јас, ти сега не знаеш, но ќе го разбереш подоцна”. Петар не можел да гледа како неговиот Господ, за Кого бил убеден дека е Божји Син, извршува работа на еден слуга. Со сета душа се противел на таквото понижување. Не сфатил дека токму поради тоа Христос дошол на овој свет. За да го нагласи тоа, категорично изјавил: „Никогаш Ти нема да ги измиеш Моите нозе!“ {КВ 645.2}

Христос му рекол на Петар: „Ако не те измијам, нема да имаш дел со Мене”. Службата што Петар ја одбивал била симбол на повозвишено очистување. Христос дошол да го измие срцето од нечистотијата на гревот. Не дозволувајќи му на Христа да му ги измие нозете, Петар го одбивал повозвишеното чистење, кое било вклучено во пониското. Тоа всушност значело да се отфрли Господ. Бог не се понижува со тоа што ќе Му дозволиме да го изврши делото кое ќе не очисти. Вистинската понизност се состои во тоа со благодарни срца да примиме сè што ни е понудено и срдечно да Му служиме на Христа. {КВ 646.1}

На зборовите: „Ако не те измијам, нема да имаш дел со Мене“, Петар се откажал од својата горделивост и самоволност. Помислата дека може да биде одвоен од Христа за него била неподнослива, тоа за него би значело смрт. Тој рекол: „Не само моите нозе, туку и рацете и главата. Исус му одговори: На измиениот треба само нозете да му се измијат, зашто целиот е чист”. {КВ 646.2}

Овие зборови значат повеќе од чистота на телото. Христос сè уште зборува за она повозвишено чистење, кое симболично го прикажува со миење на нозете. Оној кој Доаѓа од бањата е чист, но нозете во сандали брзо се запрашуваат, па мораат повторно да се мијат. Така Петар и неговите браќа биле испрани во Големиот Извор, Кој е отворен за отстранување на гревот и нечистотијата. Христос ги признал како Свои. Меѓутоа, искушението ги навело на зло и сè уште им била потребна Неговата благодат која прочистува. Кога Исус се опашал со крпата за да им ги измие нозете кои биле извалкани од пешачењето, Тој сакал да ги измие нивните срца од меѓусебно отуѓување, љубомора и горделивост. Тоа било многу поважно од самото миење на правливите нозе. Со духот кој тогаш го манифестирале, ниту еден од нив не бил подготвен за заедница со Христа. Сè додека не станале понизни и полни со љубов, тие не биле подготвени ниту за пасхална вечера, ниту за спомен-службата која Христос имал намера да ја воспостави. Нивните срца морале да се очистат. Гордоста и себичноста создаваат неслога и омраза, но Христос сето тоа го измил со миење на нивните нозе. Сега биле обземени со други чувства. Гледајќи ги, Исус сега можел да каже: „Вие сте чисти”. Сега завладеало единство на срцето и меѓусебна љубов. Тие станале понизни и отворени да примат поучување. Освен Јуда, секој бил подготвен да го отстапи највисокото место на другиот. Сега, кога срцата им биле потчинети и полни со благодарност, биле во состојба да ги примат Христовите зборови. {КВ 646.3}

Слично на Петар и неговите браќа, и ние сме биле измиени со Христовата крв, но поради постојаниот допир со злото, душата што била очистена, повторно се валка. Затоа мораме да му се обратиме на Христа и да ја бараме Негова благодат која прочистува. Петар се набрал од помислата дека рацете на неговиот Господ ќе ги допрат неговите правливи нозе; а колку често нашето грешно, извалкано срце Доаѓа во допир со Христовото срце! Колку го жалости нашиот зол темперамент, нашата суета и нашата гордост! Сепак треба да Му ги донесеме Нему нашите слабости и осквернетост. Единствено Тој може да не измие. Ако не сме исчистени од Неговата сила, ние не сме подготвени за заедница со Него. {КВ 646.4}

Исус им рекол на Своите ученици: „Вие сте чисти, но не сите”. Тој му ги измил нозете и на Јуда, но срцето не можел да го измие, бидејќи Јуда не го дозволил тоа. Тој не се потчинил, ниту Му се предал на Христа. {КВ 649.1}

Кога им ги измил нозете на учениците, ја облекол горната облека и повторно седнал на трпезата; тогаш им рекол: „Знаете ли што ви сторив Јас вам? Вие Мене ме викате Учител и Господ и право велите, зашто Јас сум тоа. Па кога Јас, Господ и Учител, ви ги измив нозете вам, и вие сте должни да си ги миете нозете еден на друг; зашто Јас ви дадов пример и вие да правите така како што Јас ви сторив вам. Вистина, вистина ви велам, слугата не е поголем од својот господар ниту пратеникот е поголем од оној што го пратил”. {КВ 649.2}

Христос сакал Неговите ученици да го сфатат фактот дека Неговото достоинство како Господ и Учител ни најмалку не е намалено со тоа што им ги измил нозете. „Вие ме нарекувате Учител и Господ и право велите, зашто Јас сум тоа”. Затоа што бил неспоредливо повозвишен од нив, Тој ја направил оваа служба привлечна и значајна. Никој не бил толку возвишен како Христос, а Сепак се наведнал за да изврши најпонизна служба. Со оваа постапка Христос лично дал пример на понизност, а со тоа овозможил Неговиот народ да не биде заведен од себичноста која живее во природното срце и која, кога човекот си угодува себеси, станува сè посилна. Не дозволил човекот да одлучува за ова толку важно прашање. Сметал дека тоа е толку

значајно, што лично Тој, иако еднаков со Бога, се согласил да биде слуга на Своите ученици. Додека тие меѓусебно се бореле за највисока положба, Тој, пред Кого ќе клекне секое колено, за кого ангелите сметаат дека е чест да му служат, се наведнал да им ги измие нозете на оние кои Го викале Господ. Му ги измил нозете дури и на Својот предавник. {КВ 649.3}

Со Својот живот и со Своето учење Христос дал совршен пример на несебична служба која го има своето потекло во Бога. Бог не живее само за Себе. Создавајќи и одржувајќи во живот сè што создал, Тој постојано им служи на другите. „Тој прави Неговото сонце да изгрева на злите и на добрите и им дава дожд на праведните и на неправедните". (Матеј 5:45) Овој идеал на служба Бог му го доверил на Својот Син. Исус имал задача да стои на чело на човечкиот род и со личен пример да покаже што значи да им се служи на другите. Неговиот живот во целост бил под законот на служба. Им служел на сите, им помагал на сите. Така го живеел Божјиот закон и со Својот пример покажал како треба да му се покоруваме на истиот. {КВ 649.4}

Тоа начело Исус постојано се обидувал да им го всади во срцето на Своите ученици. Кога Јаков и Јован го изнеле своето барање да им се даде превласт, Тој рекол: „Кој сака да биде голем меѓу вас, нека ви биде слуга". (Матеј 20:26) „Во Моето царство за начелото на првенство или надмоќ нема место. Единствена големина е големината на понизноста. Единственото одликување се наоѓа во посветеноста во служење на другите". {КВ 650.1}

Откако им ги измил нозете на учениците, Исус рекол: „Јас ви дадов пример и вие да правите така како што Јас ви сторив вам". Со овие зборови Христос не сакал да препорача само покажување гостољубивост. Миењето нозе значело многу повеќе од самото отстранување на правта која се залепила на гостите при патувањето. Христос со тоа воспоставил верска служба. Со оваа постапка на нашиот Господ, тој обред на понизност станал посветен религиозен обред. На учениците им било наложено да го применуваат, за пред очите постојано да им биде Неговата поука за понизноста и службата. {КВ 650.2}

Христос го одредил овој обред како подготовка за службата на Светата вечера. Сè додека владеат горделивоста, неслогата и борбата за првенство, срцето не може да стапи во блиска врска со Христа и ние не сме подготвени за „заедница со Неговото тело и крв". Затоа Исус одредил на Светата вечера да и претходи споменот на Неговата служба на понизност. {КВ 650.3}

Применувајќи го ова, Божјите деца секогаш треба да ги имаат на ум зборовите на Господарот на животот и славата: „Знаете ли што ви сторив Јас вам? Вие Мене ме викате Учител и Господ и право велите, зашто Јас сум тоа. Па кога Јас, Господ и Учител, ви ги измив нозете вам, и вие сте должни да си ги миете нозете еден на друг; зашто Јас ви дадов пример и вие да правите така како што Јас ви сторив вам. Вистина, вистина ви велам, слугата не е поголем од својот господар, ниту пратеникот е поголем од оној што го пратил. Кога го знаете ова, блажени сте ако го исполнувате". Според својата природа, човекот е склон себеси да се смета за подобар од својот брат, да работи за себе, да копнее по највисока положба, а тоа често доведува до зли претпоставки и огорченост. Обредот кој и претходи на Господовата вечера има цел да ги отстрани тие недоразбирања и да го ослободи човекот од неговата себичност и пиедесталот на самовоздигнувањето и да го насочи кон понизност на срцето, што ќе го наведе да им служи на своите браќа. {КВ 650.4}

На оваа свеченост е присутен светиот Стражар од Небото за да направи од истата време за самоиспитување, за уверување за гревот и за стекнување на блажено убедување за простени гревови. Тука се наоѓа Христос во сета полнина на Својата благодат да го измени текот на мислите кои биле насочени по каналите на себичноста. Светиот Дух поттикнува чувствителност кај оние кои се угледуваат на примерот на нашиот Господ. Додека размислуваме за понизноста на Спасителот, нашите мисли се поврзуваат една со друга, се појавуваат многу спомени спомени за големата Божја добрина и за благонаклоноста и нежноста на земните пријатели. Тогаш се сеќаваме на заборавените благодети, злоупотребената милост, омаловажената љубезност. Се откриваат корените на горчина кои ја задушувале драгоцената билка на љубовта. Се сеќаваме на своите карактерни недостатоци, запоставувани должности и неблагодарност кон Бога и студенило кон своите браќа. Гревот се појавува во светлината во која го гледа Бог. Тогаш нашите мисли не се веќе мисли на самозадоволство, туку на остра самокритика и понизност. Умот добива сила да ја сруши секоја бариера која причинила отуѓување. Човекот веќе не мисли ниту пак зборува лошо за другите. Гревовите се признаени и простени. Христовата благодат која потчинува ја освојува душата, а Неговата љубов ги привлекува срцата во едно благословено единство. {КВ 650.5}

Ако вака се прими поуката за службата на подготовката, во срцето се јавува желба за еден повозвишен духовен живот. Божествениот сведок кој е присутен тука, ќе одговори на ваквата желба. Душата ќе биде воздигната. Ќе учествуваме во Светата вечера и ќе бидеме осведочени дека гревовите ни се простени. Сончевата светлина на Христовата праведност ќе ги осветли сите катчиња на умот и храмот на душата. Ќе можеме да кажеме, го видовме „Божјото Јагне, Кое ги зема на Себе гревовите на светот". (Јован 1:29) {КВ 651.1}

За оние кои ќе ја сфатат смислата и намената на оваа служба, таа никогаш нема да биде само една формалност. За нив таа ќе претставува постојана поука: „Служете си од љубов еден на друг". (Галатјаните 5:13) Со тоа што им ги измил нозете на Своите ученици, Христос дал доказ дека е подготвен на секаква служба, Колку и да е таа понижувачка, за да ги направи Свои сонаследници на неминливото небесно богатство. Кога го вршат овој свет обред, учениците се заветуваат дека на ист начин ќе им служат на своите браќа. Кога правилно се извршува, овој обред ги доведува Божјите деца во свето сродство, што им овозможува да си помагаат меѓусебно и еден на друг да си бидат на благослов. Тие се заветуваат дека ќе го посветат својот живот на несебична служба и тоа не само да си служат еден на друг во црквата. Нивното попе на работа ќе биде исто толку широко како што било она на Учителот. Светот е полн со страдалници на кои нашата помош и служба им се неопходни. Сиромашни, беспомошни и неуки има насекаде. Оние кои со Христа во горната соба примиле „заедница на Христовото тело и крв," ќе тргнат да им служат на другите како што служел и Тој. {КВ 651.2}

Исус, на Кого Му служеле сите, дошол да им биде слуга на сите. Бидејќи им служел на сите, повторно сите ќе Му служат и ќе Му оддадат чест. Сите што сакаат да имаат дел во Неговите божествени карактерни особини и со Него да ја делат радоста, набљудувајќи ги душите на откупените, мораат да се угледаат на Неговиот пример на несебична служба. {КВ 651.3}

Сето ова било опфатено со зборовите на Спасителот: „Јас ви дадов пример и вие да правите како што Јас ви сторив вам!" Тоа била целта на службата што ја воспоставил.

Тој вели: „Кога го знаете ова,“ ако ја сфаќате смислата на Неговата поука, „блажени сте ако го исполнувате”. {КВ 651.4}

72. „ПРАВЕТЕ ГО ОВА ЗА МОЈ СПОМЕН"

Оваа поглавје е засновано на Матеј 26:20-29; Марко 14:17-25; Лука 22:14-23; Јован 13:18-30.

„Господ Исус онаа ноќ во која беше предаден го зеде лебот и заблагодари, го раскрши и рече: Ова е телото Мое кое се крши за вас. Правете го ова за Мој спомен. Исто така, по вечерата ја зеде чашата и рече: Оваа чаша е новиот завет во Мојата крв. Правете го ова, секогаш кога ја пиете, за Мој спомен. Зашто секогаш кога го јадете овој леб и ја пиете оваа чаша, ја објавувате смртта Господова додека Тој не дојде”. (1. Коринтјаните 11:23-26) {КВ 652.1}

Христос стоел на преодната точка меѓу два завета и нивните два големи празници старозаветната Пасха и новозаветната Спомен служба. Како невино Божјо Јагне, Тој се подготвувал да го предаде Својот живот на жртва за гревот на човечкиот род и со тоа да стави крај на системот од симболи и обреди, кои четири илјади години укажувале на Неговата смрт. Онаа вечер, кога со Своите ученици последен пат јадел Пасха, Тој наместо неа, воспоставил служба која требала да претставува спомен на Неговата голема жртва. Пасхата, како еврејски национален празник, требало засекогаш да ја изгуби важноста. Наместо тоа, Христовите следбеници во сите земји и низ сите векови требало да ја вршат службата што Тој ја воспоставил. {КВ 652.2}

Пасхата била воспоставена како спомен на ослободувањето на Израел од египетското ропство. Бог наредил од година во година, како што децата прашуваат за значењето на таа установа, историјата да се повторува. На тој начин чудесното ослободување требало да биде свежо во умот на секој Израелец. Службата Господова вечера е спомен на големото ослободување остварено со Христовата смрт. Овој обред треба свечено да се извршува сè додека по втор пат Исус не дојде во сила и слава. На тој начин Неговото големо дело треба да биде свежо во нашите умови. {КВ 652.3}

Во времето на своето ослободување од Египет, Израелевите синови го јаделе пасхалното јагне стоејќи, со опашани бедра и со стап во рацете, подготвени за патување. Начинот на кој Израелците ја празнувале оваа установа, во таа прилика бил во сообразност со постоечките услови; ним непосредно им претстоело брзо излегување од египетската земја и мачно и тешко патување низ пустината. Меѓутоа, во времето на Христа состојбата била поинаква. Тогаш на Евреите не им претстоело брзо излегување од некоја туѓа земја, бидејќи живееле во својата татковина. Во склад со почивката што им била дадена, јаделе Пасха во полулежечка положба. Околу трпезата биле поставени седишта во вид на лежалки и гостите се сместувале на нив, потпирајќи се со левата рака за да можат слободно да земаат од јадењето. Во таква положба гостинот можел да ја потпре главата на градите на оној што седел зад него. Нозете биле спуштени кон надворешната страна на лежалката, така што оној што имал задача да им ги измие нозете на гостите, можел тоа да го стори минувајќи околу надворешноста на кругот. {КВ 653.1}

Христос се наоѓал на трпезата на која била поставена пасхалната вечера. Пред Него се наоѓал бесквасен леб кој се употребувал за време на пасхалната свеченост. На

трпезата се наоѓало и непревриено пасхално вино. Христос ги употребил тие симболи за да ја прикаже Својата беспрекорна жртва. Ништо што е расипано со ферментација, симболот на гревот и на смртта, не може да го претставува „невиното и пречисто Јагне". (1. Петрово 1:19) {КВ 653.2}

„Додека јадеа, Исус зеде леб, го благослови, го раскрши и им го даде на учениците, зборувајќи: Земете, јадете. Ова е телото Мое. Потоа ја зеде чашата, заблагодари и им ја даде, велејќи: Пијте од неа сите, зашто ова е Мојата крв на новиот завет, што се пролева за мнозина за простување на гревовите. Но, ви велам, отсега нема да пијам повеќе од овој лозов род до оној ден кога ќе го пијам со вас нов во царството на Мојот Татко". {КВ 653.3}

Предавникот Јуда присуствувал на овој свет обред. И тој од Христовата рака ги примил симболите на Неговото рането тело и Неговата пролеана крв. Тој ги слушнал зборовите: „Ова правете го за Мој спомен". Седејќи во непосредно присуство на Божјото Јагне, предавникот размислувал за своите мрачни намери и бил задлабочен во своите подмолни, одмаздољубиви мисли. {КВ 653.4}

При миењето на нозете Христос дал убедлив доказ дека го познава карактерот на Јуда. „Не сте сите чисти" (Јован 13:11), рекол Тој. Тие зборови го осведочиле лажниот ученик дека Христос ја читал неговата тајна намера. Сега Христос зборувал поотворено. Додека така седеле на трпезата, Исус, набљудувајќи ги Своите ученици, рекол: „Не зборувам за сите вас. Јас ги знам оние кои ги избрав; но за да се исполни Писмото: Оној што јаде леб со Мене ја подигна својата пета против Мене". {КВ 653.5}

Дури и сега учениците не се посомневале во Јуда. Меѓутоа, тие забележале дека Христос изгледа многу вознемирен. Над сите нив се надвил облак, како претчувство на некоја страшна несреќа, чија природа не можеле да ја сфатат. Додека јаделе во тишина, Исус рекол: „Вистина ви велам, еден од вас ќе Ме предаде". Тие зборови предизвикале кај нив изненадување и вчудовиденост. Не можеле да сфатат како некој од нив би можел предавнички да постапи кон нивниот божествен Учител. Заради што би Го предал? И кому? Во чие срце би можела да се роди таква намера? Секако не во срцето на еден од омилените дванаесетмина мислеле тие, кои повеќе од останатите имале можност да го слушаат Неговото учење, кои ја почувствувале Неговата чудесна љубов и кон кои покажал толкаво внимание со тоа што одржувал блиска врска со нив! {КВ 654.1}

Кога го сфатиле значењето на Неговите зборови и се сетиле колку вистинити биле Неговите досегашни изјави, ги опфатил страв и секој почувствувал недоверба кон самиот себеси. Секој почнал да го испитува сопственото срце за да види да не се крие тука некоја мисла против Учителот. Со најболно чувство, еден по еден го поставувале прашањето: „Да не сум јас, Господе?" Меѓутоа, Јуда седел и молчел. Конечно Јован во длабок јад прашал: „Господе, кој е тоа?" Исус одговорил: „Оној што ќе макне со Мене во чинијата, тој ќе ме предаде. И така, Синот Човечки си заминува како што е пишано за Него; но тешко на оној човек преку кого ќе биде предаден Синот Човечки! Добро би било за тој човек ако не беше се родил". Учениците внимателно го набљудувале лицето еден на друг додека прашувале: „Да не сум јас, Господе?" Бидејќи Јуда молчел, сите погледи се насочиле кон него. Поради многубројните прашања и изразите на вчудовиденост, Јуда не ги слушнал зборовите што ги изговорил Исус, одговарајќи на Јовановото прашање. Меѓутоа, за да го избегне испрашувањето од страна на учениците, запрашал како и тие: „Да не сум јас, Учителе?" Исус одговорил: „Ти рече". {КВ 654.2}

Изненаден и збунет што е откриена неговата намера, Јуда станал, со намера веднаш да ја напушти собата. „Исус пак му рече: Што мислиш да правиш, прави го бргу...

Тогаш Јуда, откако го зеде залакот, веднаш излезе. А беше ноќ". Ноќ владеела и во срцето на предавникот кој се одвратил од Христа и заминал во темнината. {КВ 654.3}

Сè додека не го направил овој чекор, Јуда сè уште имал можност да се покае, но кога го напуштил друштвото на својот Господ и на своите соученици, паднала конечната одлука. Ја преминал граничната линија. {КВ 654.4}

Чудесно било Исусовото трпение кон оваа душа што била во искушение. Сè што можело да се направи за спас на Јуда, било направено. Иако веќе двапати ветил дека ќе го предаде Господа, сè уште Исус му давал можност за покајание. Читајќи ги тајните намери на предавничкото срце, Христос му дал најубедлив и најголем доказ за Своето божество. Тоа бил последен повик за покајание на овој лажен ученик. Не бил пропуштен ниту еден повик којшто божествено-човечкото Христово срце можел да го даде. Брановите на милост кои гордоста упорно ги одбивала, се враќале како посилна плима на љубовта што покорува. Меѓутоа, иако изненаден и загрижен поради тоа што била откриена неговата вина, Јуда станал уште порешителен. Заминал од Светата вечера, за да го доврши своето дело на предавство. {КВ 655.1}

Велејќи за Јуда дека подобро ќе беше да не се родеше, Христос имал одредена намера на милост за Своите ученици. Со тоа Тој им дал најголем доказ за Своето месијанство. „Тоа ви го кажувам сега, пред да се случи," рекол, „за да верувате кога ќе се случи, дека ЈАС СУМ". Кога Исус би молчел како да не знае што ќе се случи со Него, учениците би можеле да помислат дека нивниот Учител нема божествена моќ на предвидување и дека ненадејно и со измама е предаден во рацете на крволочното мноштво. Една година порано, Исус им рекол на Своите ученици дека Тој ги избрал дванаесетминатa и дека еден меѓу нив е ѓавол. Зборовите кои сега му ги упатил на Јуда дека неговото предавство му е познато на Учителот, биле изговорени со цел да ја охрабрат верата на Христовите вистински следбеници во моментот на Неговото понижување. Кога Јуда ќе го заврши својот живот на ужасен начин, тие ќе се сетат на јадот (кобноста), која Исус ја изрекол над предавникот. {КВ 655.2}

Меѓутоа, Спасителот имал уште една намера. Тој не го лишил од Својата служба човекот за кого знаел дека е предавник. Учениците не ги разбрале зборовите изговорени при миењето на нозете: „Не сте сите чисти," ниту пак кога на трпезата рекол: „Оној кој јаде леб со Мене, ја подига својата пета на Мене" (Јован 13:11,18) Подоцна, кога го сфатиле значењето на овие зборови, можеле да размислуваат за божественото трпение и милост кон оној кој бил во најтешка заблуда. {КВ 655.3}

Иако го познавал Јуда од почеток, Исус Сепак му ги измил нозете. Предавникот имал предност заедно со Христа да земе учество во Светата вечера. Милостивиот Спасител трпеливо и на сите можни начини го повикувал грешникот да го прими, да се покае и да се очисти од нечистотијата на гревот. Тоа е пример за нас. Кога за некого претпоставуваме дека е во заблуда или грев, не треба да се одвојуваме од него. Не треба заради лекомислено одвојување да го препуштиме како плен на искушението и да го турнеме на сатанското бојно поле. Тоа не е Христов метод. Тој им ги измил нозете на Своите ученици заради тоа што тие биле во заблуда и имале недостатоци и со тоа сите, освен еден, биле наведени на покајание. {КВ 655.4}

Христовиот пример забранува ексклузивност при Господовата вечера. Вистина е дека јавниот грев го исклучува виновникот. Светиот Дух јасно го учи тоа (1. Коринтјаните 5:11). Меѓутоа, повеќе од тоа никој не смее да изрече суд. Бог не им дозволил на луѓето да одлучуваат за тоа кој треба да присуствува во вакви прилики, зашто кој може да го чита срцето? Кој може да го разликува каколот од житото? „Секој нека се испита себеси,

па потоа нека јаде од лебот и нека пие од чашата". Зашто „секој што недостојно го јаде овој леб и недостојно ја пие оваа чаша Господова, ќе биде виновен за телото и за крвта Господова". „Зашто кој јаде и пие недостојно, тој го јаде и пие своето осудување, бидејќи не го разликува телото Господово". (1. Коринтјаните 11:28,27,29) {КВ 656.1}

Кога верниците ќе се соберат на Света вечера, тука се присутни и гласниците кои човечкото око не може да ги види. Можеби меѓу присутните се наоѓа и некој Јуда, па ако е така, тука се и гласниците на кнезот на темнината, бидејќи тие ги следат сите оние кои не сакаат да се потчинат на контролата на Светиот Дух. Небесните ангели, се исто така присутни. Тие невидливи сведоци, секогаш присуствуваат на овој обред. Меѓу присутните можат да се најдат личности кои во своето срце не се слуги на вистината и светоста, но кои сакаат да учествуваат во обредот. Тоа не треба да им се забранува. Тука се присутни и сведоците кои присуствувале кога Исус му ги измил нозете на Јуда. Сцената не ја набљудуваат само човечките очи. {КВ 656.2}

Христос со Светиот Дух е присутен, за да стави печат на Својот обред. Тој е тука за да ги осведочи и омекне срцата. Ниту еден поглед, ниту една мисла на покајание не го избегнува Неговото забележување. Тој чека на оние кои се каат и кои се со скршени срца. Сè е подготвено за таквите души да бидат прифатени. Оној кој и на Јуда му ги измил нозете, копнее да го измие секое срце од нечистотијата на гревот. {КВ 656.3}

Никој не треба да се исклучува себеси од Светата вечера затоа што е присутен некој недостоен. Секој ученик е повикан со јавно учество во овој обред да посведочи дека Го прима Христа како свој личен Спасител. При таквите Негови состаноци, Христос се среќава со Својот народ и со Своето присуство ги охрабрува и зајакнува. Срцето и рацете на оние кои го извршуваат овој обред можат да бидат недостојни, но Христос е тука за да им послужи на Своите деца. Сите што пристапуваат кон ова со цврста вера во Него ќе примат голем благослов. Оние кои ги запоставуваат овие сесии на од Бога дадените предности ќе претрпат загуба. На таквите можат да се применат Христовите зборови: „Не сте сите чисти". {КВ 656.4}

Земајќи учество во лебот и виното заедно со Своите ученици, Христос се заветувал Себеси дека ќе биде нивен Откупител. Тој им го доверил Новиот завет, со кој сите што ќе го прифатат стануваат Божји деца и Христови сонаследници. Со тој завет се стекнува право на секој благослов што Небото може да го подари во овој и во идниот живот. Тој завет морал да биде потврден со Христовата крв. А намената на Светата вечера се состои во тоа постојано да ги потсетува учениците на неизмерната жртва за секој од нас поединечно како припадници на паднатиот човечки род. {КВ 656.5}

Меѓутоа, обредот Света вечера не треба да биде време на жалост. Тоа не е негова цел. Како Христови ученици, верниците не треба да се собираат околу Неговата трпеза за да се сетат на своите недостатоци и да ги оплакуваат. Тоа не е момент кога треба да се задржат на своите поранешни верски искуства, без оглед дали тие биле такви што можат да го издигнат човекот или да го обесхрабрат. Не треба да се сеќаваат на своите меѓусебни несогласувања со своите браќа. Сето тоа било опфатено со службата за подготовка. Самоиспитувањето, признавањето на гревот, отстранувањето на несогласувањата сето тоа веќе е извршено. Тие сега доаѓаат да се сретнат со Христа; затоа не треба да стојат во сенката на крстот, туку во неговата спасоносна светлина. Својата душа треба да ја отворат за светлите зраци на Сонцето на праведноста. Со срца очистени со скапоцената Христова крв, потполно свесни за Неговото присуство иако е невидливо, тие треба да ги слушнат Неговите прекрасни зборови: „Ви оставам мир; Својот мир ви го давам; не ви го давам како што дава светот". (Јован 14:27) {КВ 659.1}

Нашиот Господ вели: „Свесни за својот грев, имајте на ум дека умрев заради вас. Кога ќе ве угнетуваат и прогонуваат заради Мене и заради евангелието, сетете се на Мојата љубов, која беше толку голема, што Го дадов и Својот живот за вас. Кога должноста ќе ви изгледа сурова и мачна, а вашите животни товари претешки, сетете се дека заради вас го претрпев крстот, презирајќи го срамот. Кога срцето ви се набира пред тешките проби, сетете се дека вашиот Спасител живее за да посредува за вас". {КВ 659.2}

Обредот Света вечера укажува и на Христовото повторно доаѓање. Тој е одреден постојано да ја освежува оваа надеж во мислите на учениците. Секогаш кога ќе се сретнат во спомен на Неговата смрт, тие ќе се сеќаваат како Тој „ја зеде чашата, заблагодари и им ја даде, велејќи: Пијте од неа сите, зашто ова е Мојата крв на новиот завет, што се пролева за мнозина за простување на гревовите. Но, ви велам, отсега нема да пијам повеќе од овој лозов род до оној ден кога ќе го пијам со вас нов во царството на Мојот Татко". Во своите неволји тие ќе најдат утеха во надежта за враќањето на својот Господ. Мислата: „секогаш кога го јадете овој леб и ја пиете оваа чаша, ја објавувате смртта Господова додека Тој не дојде" (1. Коринтјаните 11:26), за нив била неискажливо драгоцена. {КВ 659.3}

Тоа се работи што никогаш не смееме да ги заборавиме. Своето сеќавање на Христовата љубов и нејзината сила која задвижува, треба постојано да ја освежуваме. Христос ја воспоставил оваа служба со цел таа да им зборува на нашите чувства за Божјата љубов изразена кон нас. Единство меѓу нашите души и Бога може да се оствари само преку Христа. Единството и љубовта меѓу двајца браќа може цврсто да се соедини и направи вечна само преку Христовата љубов. Христос морал да умре за таа љубов да стане делотворна за нас. Само благодарение на Неговата смрт можеме радосно да го очекуваме Неговото второ доаѓање. Неговата жртва е центар на нашата надеж. На тоа мораме да ја сосредоточиме својата вера. {КВ 660.1}

Обредите што укажуваат на понижувањето и страдањата на нашиот Господ премногу се набљудуваат како форма. Тие се воспоставени со одредена цел. За да ја сфатиме тајната на побожноста, нашите сетила треба да се разбудат. За таа цел, на сите ни се дава предност, многу повеќе отколку што вообичаено изгледа, да ги сфатиме Христовите страдања кои биле за искупување на нашите гревови. „И како што Мојсеј ја подигна змијата во пустината," исто така треба да се подигне Синот Човечки, „за секој што верува во Него да не загине, туку да има живот вечен". (Јован 3:14,15) Нашиот поглед мора да биде насочен кон крстот на Голгота, на кој Спасителот умира. Нашето вечно добро зависи од манифестирањето на вера во Христа. {КВ 660.2}

Нашиот Господ рекол: „Ако не го јадете телото на Синот Човечки и не ја пиете Неговата крв, нема да имате живот во себе... Зошто Моето тело е вистинско јадење и Мојата крв вистинско пиење". (Јован 6:53-55) Тоа е вистина и во поглед на нашата телесна природа. Дури и овој земен живот го имаме благодарение на Христовата смрт. Со раните на Своето измачено тело, Тој го откупил лебот што го јадеме. Водата што ја пиеме е откупена со Неговата крв, пролеана за нас. Земајќи ја својата секојдневна храна, секој од нас без разлика дали е верник или не се храни со Христовото тело и крв. Крстот на Голгота е втиснат на секој леб, неговиот отсјај може да се види на водата на секој извор. Христос го опфатил сето ова со поуката содржана во симболот на лебот и виното како симболи на Неговата голема жртва. Светлината што блеска од Светата вечера во горната соба ги посветува и намирниците за нашиот секојдневен живот. Семејната трпеза станува Господова трпеза, а секој оброк причест. {КВ 660.3}

Колку вистинити се овие Христови зборови во поглед на нашата духовна природа! Тој вели: „Кој го јаде Моето тело и ја пие Мојата крв, има живот вечен". Ние можеме да живееме свет живот само ако го примиме животот кој заради нас е жртвуван на голготскиот крст. Тој живот го примаме ако ја прифатиме Неговата Реч и ги извршуваме оние нешта кои Тој ги заповедал. На тој начин стануваме едно со Него. Тој вели: „Кој го јаде Моето тело и ја пие Мојата крв, пребива во Мене и Јас во него. Како што Мене ме испрати живиот Татко, и Јас живеам преку Таткото, така и оној кој Ме јаде Мене ќе живее преку Мене". (Јован 6:54,56,57) Овие стихови посебно се однесуваат на Светата вечера. Кога со вера размислуваме за големата жртва на нашиот Господ, во својот духовен живот стануваме слични на Христа. Таквата душа на секоја Господова вечера ќе прими нова духовна сила. Така оваа служба претставува жива врска која ги врзува верниците со Христа, а преку Него и со Таткото. Во посебна смисла таа претставува врска меѓу зависносто човечко суштество и Бога. {КВ 660.4}

Кога ги земаме лебот и виното кои симболично го претставуваат Христовото скршено тело и пролеаната крв, ние во мислите присуствуваме на Светата вечера во горната соба и минуваме низ градината посветена од агонијата на Оној, Кој ги понесе гревовите на светот. Присуствуваме на борбата со која е извојувано нашето помирување со Бога. Пред нас се наоѓа распнатиот Христос. {КВ 661.1}

Набљудувајќи го распнатиот Откупител, ние стекнуваме поцелосно сфаќање на големината и смислата на жртвата што Христос Височеството на Небото ја поднел заради нас. Планот на спасението се издига пред нас во слава, а помислата на Голгота буди во нашето срце живи и свети чувства. Пофалба на Бога и на Јагнето оддаваме со срцата и усните, бидејќи горделивоста и самообожавањето не можат да се одржат во душата која постојано ја држи во својот ум свежо сцената од Голгота. {КВ 661.2}

Размислувањето за Христовата неспоредлива љубов ја воздига мислата на верникот, го прочистува срцето и го преобразува карактерот. Тој ќе оди во светот за да биде светлина на светот и во извесна мера да ја одразува таа таинствена љубов. Колку повеќе размислуваме за Христовиот крст, толку поцелосно ги прифаќаме зборовите на апостолот кога рекол: „Господ да не даде да се фалам со нешто друго, освен со крстот на нашиот Господ Исус Христос, преку кого светот е распнат за мене и јас за светот". (Галатјаните 6:14) {КВ 661.3}

73. „ДА НЕ СЕ ВОЗНЕМИРУВА ВАШЕТО СРЦЕ"

Оваа поглавје е засновано на Јован 13:31-38; 14-та до 17-та глава

Набљудувајќи ги Своите ученици со божествена љубов и со најнежно сочувство, Христос рекол: „Сега се прослави Синот Човечки и Бог се прослави во Него". Јуда ја напуштил горната соба и сега Христос бил со единаесетминатa. Тој се подготвувал да им зборува за Својата разделба со нив, но пред тоа им укажал на големата цел на Неговата мисија. Тој секогаш го имал тоа пред очите. Неговата радост се состоела во тоа што со сето Свое понижување и страдање ќе го прослави Татковото име. Кон тоа ги насочил и мислите на Своите ученици. {КВ 662.1}

Потоа, обраќајќи им се со зборот „дечиња," продолжил: „Уште малку сум со вас; ќе Ме барате, но како што веќе им реков на Јудејците, сега ви кажувам и вам: Каде што ќе одам Јас, вие не можете да дојдете". {КВ 662.2}

Учениците не можеле да се радуваат кога го слушнале ова. Ги обзел страв и уште поблиску се туркале околу Спасителот. Нивниот Господ, нивниот Учител и најдобар Пријател им бил помил од животот. Од Него очекувале помош во секоја нивна тешкотија, утеха во нивната тага и разочарување. Сега требало да ги напушти и да останат сами во својата немоќ. Мрачни претчувства им го исполниле срцето. {КВ 662.3}

Меѓутоа, зборовите што им ги упатил Спасителот биле полни со надеж. Тој знаел дека непријателот ќе ги напаѓа и дека сатаната најуспешно ги применува своите лукавства на луѓето тогаш кога тие се притиснати од тешкотии. Затоа настојувал да го сврти нивниот поглед од она „што е видливо“ кон она „што е невидливо”. (2. Коринтјаните 4:18) Тој ги одвратил нивните мисли од прогонството што ги очекува и ги пренасочил кон небесниот дом. {КВ 662.4}

„Да не се вознемирува вашето срце,“ рекол, „верувајте во Бога и во Мене верувајте. Во домот на Мојот Татко има многу живеалишта; да не беше така, Јас би ви кажал. Одам да ви приготвам место. И кога ќе заминам и ќе ви приготвам место, пак ќе се вратам да ве земам кај Себе и вие да бидете таму каде што сум Јас. А знаете каде одам Јас и патот го знаете”. Поради вас дојдов на светот. За вас се залагав во Својата работа. И кога ќе заминам уште повеќе ќе се залагам за вас. Дојдов на светот за да ви се откријам и за да можете да верувате во Мене. Се враќам кај Таткото да соработувам со Него за ваше добро”. Целта на Христовото заминување била спротивна на она од што учениците се плашеле. Таа не значела конечна разделба. Заминал за да им подготви место, со цел повторно да дојде и да ги земе со Себе. Додека Тој за нив подготвува живеалишта, тие треба да го изградуваат карактерот според божествената сличност. {КВ 663.1}

Сепак учениците сè уште биле збунети. Тома кој постојано бил вознемирен од сомнежи, рекол: „Господе, не знаеме каде одиш; и како можеме да го знаеме патот? Исус му рече: Јас сум патот, вистината и животот. Никој не доаѓа кај Таткото освен преку Мене. Кога би ме познавале Мене, би го познавале и Мојот Татко. И отсега го познавате и сте го виделе”. {КВ 663.2}

Не постојат многу патишта за влез на Небото. Не може секој да избере сопствен пат. Христос кажува: „Јас сум патот... никој не доаѓа кај Таткото освен преку Мене”. Уште од првата евангелска порака, изречена во Едем, кога било објавено дека семето на жената ќе и ја рани главата на змијата, Христос бил воздигнат како патот, вистината и животот. Тој бил патот кога Адам живеел, кога Авел ја принел на Бога крвта на погубеното јагне, која ја прикажувала крвта на Откупителот. Христос бил патот по кој нашле спасение патријарсите и пророците. Тој е единствен пат по кој и ние можеме да Му пристапиме на Бога. {КВ 663.3}

„Кога би ме познавале Мене, рекол Христос, „би го познавале и Мојот Татко. И отсега го познавате и сте го виделе”. Меѓутоа сè уште учениците не разбрале. „Господе, покажи ни го Таткото,“ извикал Филип, „и тоа ни е доволно”. {КВ 663.4}

Зачуден од неговото бавно сфаќање, Христос запрашал со болно изненадување: „Толку време сум со вас и не си ли Ме познал Филипе?“ Зар е можно да не го видовте Таткото во делата што ги изврши преку Мене? Зар не верувате дека Јас дојдов да сведочам за Таткото? „И како ти велиш: Покажи ни го Таткото?“ „Кој ме видел Мене, го видел Таткото”. Христос не престанал да биде Бог кога станал човек. Иако се понизил, земајќи на Себе човечки лик, Божеството било сè уште Негово. Единствено Христос можел да им даде на луѓето претстава за Бога, а како таков учениците имале предност да Го гледаат три години. {КВ 663.5}

„Верувајте ми дека Јас сум во Таткото и Таткото е во Мене. Ако пак не, верувајте во Мене заради делата”. Нивната вера можела безбедно да почива на доказите дадени преку Христовите дела, дела кои ниту еден човек, сам од себе, некогаш ги извршил, ниту некогаш може да ги изврши. Христовите дела сведочеле за Неговото божество. Преку Него Таткото се открил на светот. {КВ 664.1}

Кога учениците би верувале во таа животна врска меѓу Таткото и Синот, нивната вера не би се поколебала тогаш, кога виделе како Христос страда и умира, за да го спаси светот што пропаѓа. Христос настојувал да ја издигне нивната вера која се наоѓала на толку низок степен до искуство какво што би можеле да имаат кога би сфатиле дека Тој е Бог во тело на човек. Сакал тие да го сфатат фактот дека со вера мораат повеќе да Му се приближат на Бога и дека таму ќе најдат своја потпора. Колку срдечно и истрајно се трудел нашиот сочувствителен Спасител да ги подготви Своите ученици за бурата на искушенија која наскоро ќе се сруши врз нив. Сакал тие да бидат со Него скриени во Бога. {КВ 664.2}

Додека Христос ги изговарал овие зборови, Божјата слава блескала од Неговото лице и учениците чувствувале свето стравопочитување, слушајќи ги Неговите зборови со најголемо внимание. Срцата им биле поодлучно привлечени до Христа, а приближувајќи се кон Него со поголема љубов, се приближувале повеќе и еден кон друг. Почувствувале дека Небото им е близу и дека зборовите што ги слушаат претставуваат порака на Небесниот Татко упатена до нив. {КВ 664.3}

„Вистина, вистина ви велам,“ продолжил Христос, „кој верува во Мене и тој ќе ги прави делата што ги правам Јас”. Спасителот длабоко копнеел Неговите ученици да сфатат со каква цел Тој ја соединил божествената природа со човечката. Тој дошол на овој свет за да им ја открие Божјата слава на луѓето, за нејзината обновувачка сила да ги воздигне. Бог се открил во Него, за да може Тој да се открие во нив. Исус не покажувал никакви особини, ниту користел некои сили кои човекот, верувајќи во Него, не би можел да ги поседува преку вера. Совршенството што Тој го покажал во човечко тело може да го достигне секој Негов следбеник ако му се потчини на Бога онака како што Тој се потчинувал. {КВ 664.4}

„Ќе прави и поголеми од овие, зашто Јас одам кај Мојот Татко”. Со ова Христос не сакал да каже дека делото на Неговите ученици ќе биде повозвишено по карактер од Неговото, туку дека ќе има поголем обем. Исус не мислел само на правењето чуда, туку на сè она што ќе се случи под делувањето на Светиот Дух. {КВ 664.5}

По Христовото вознесување учениците доживеале исполнување на Неговото ветување. Сцените на Неговото распнување, воскресение и вознесување за нив биле жива реалност. Тие се осведочиле дека пророштвата буквално се исполниле. Го истражувале Светото Писмо и со вера и уверување го прифаќале учењето изнесено во него. Знаеле дека сè она што божествениот Учител го тврдел за Себе е навистина така. Зборувајќи подоцна за она што го доживеале, тие ја воздигале Божјата љубов, така што срцата биле трогнати и покорени, па многумина поверувале во Исуса. {КВ 667.1}

Ветувањето што Спасителот им го дал на Своите ученици е наменето за Неговата црква до крајот на времето. Бог не предвидел дека Неговиот чудесен план на откупување ќе донесе само незначителни резултати. Сите оние што ќе ја прифатат работата, не потпирајќи се врз она што самите можат да го направат, туку на она што Бог може да го направи преку нив, сигурно ќе доживеат исполнување на Неговото ветување. „Ќе прави и поголеми од овие, зашто Јас одам кај Мојот Татко”. {КВ 667.2}

Дотогаш учениците не ги познавале неограничените ресурси и силата на Спасителот. Тој им рекол: „Досега не баравте ништо во Мое име”. (Јован 16:24) Им објаснил дека тајната на нивниот успех лежи во барањето сила и благодат во Негово име. Тој ќе биде присутен пред Таткото и ќе се моли за нив. Молитвите на понизните души Тој ги изнесува како Своја лична желба во нивна корист. Секоја искрена молитва се слуша на Небото. Ако таквата молитва и не е точно изговорена, а е изговорена од срце, таа ќе се издигне до светилиштето каде што Исус служи и Тој ќе му ја принесе на Таткото без ниту еден невешт, пелтечки збор, туку прекрасна и миризлива со темјанот на Своето совршенство. {КВ 667.3}

Патот на искреност и чесност не е пат без препреки, но во секоја тешкотија треба да гледаме повик на молитва. Ниедно суштество не располага со сила која не е примена од Бога, а Изворот од Кој Доаѓа таа сила е достапен и на најслабото човечко суштество. „Сè што ќе побарате во Мое име,“ рекол Исус, „ќе го сторам за да се прослави Таткото во Синот. Ако посакате нешто во Мое име, Јас ќе го направам тоа”. {КВ 667.4}

Христос им рекол на Своите ученици да се молат „во Мое име”. Христовите следбеници треба во Негово име да излегуваат пред Бога. Вредноста на жртвата што е поднесена заради нив им дава висока цена во Божјите очи. Тие се сметаат драгоцени заради Христовата праведност која им е засметана. Заради Христа, Таткото им простува на оние што се бојат од Него. Тој во нив не гледа ништожни грешници, туку забележува сличност со Својот Син во Кого тие веруваат. {КВ 667.5}

Господ е тажен кога Неговиот народ се потценува себеси. Тој сака оние кои го претставуваат Неговото одбрано наследство да се ценат себеси според цената што Тој ја ставил врз нив. Тие му се потребни на Бога, инаку не би го испратил Својот Син за да ги откупи со толку висока цена. Тој им дал една задача и многу е задоволен кога тие во своите молитви бараат највисоки предимства за да Го прославаат Неговото име. Ако имаат вера во Неговите ветувања, тие можат да очекуваат големи нешта. {КВ 668.1}

Меѓутоа, да се молиме во Христово име значи навистина многу. Тоа значи дека мораме да го усвоиме Неговиот карактер, да го манифестираме Неговиот Дух и да ги вршиме Неговите дела. Ветувањата на Спасителот се условно дадени. Тој вели: „Ако Ме љубите, држете ги Моите заповеди”. Тој ги спасува луѓето не во гревот туку од гревот, а оние што Го љубат, ќе ја покажат својата љубов преку послушност. {КВ 668.2}

Секоја вистинска послушност Доаѓа од срцето. Тоа значи да се соработува со Христа со сето срце. Ако Му се предадеме, Тој ќе ги поистовети нашите мисли и цели со Своите, а нашето срце и ум ќе ги усклади со Својата волја до таа мера што кога се покоруваме на Него всушност постапуваме во сообразност со своите побуди. Нашата волја станува облагородена и посветена и нашата најголема радост се состои во тоа да Му служиме Нему. Кога ќе го запознаеме Бога онака како што имаме привилегија да Го познаваме, нашиот живот станува живот на постојана послушност. Затоа што го познаваме и цениме Христовиот карактер и затоа што одржуваме постојана врска со Бога, гревот ќе ни стане одвратен. {КВ 668.3}

Како што Христос го живеел законот во човечката природа, така и ние можеме да го постигнеме тоа ако се фатиме за Неговата сила. Меѓутоа, одговорноста за своите должности не треба да ги префрламе на другите и да чекаме тие да ни кажат што треба да правиме. Не можеме да зависиме за совет од луѓето. Господ ќе не поучи на нашите должности исто толку волно како што ќе ги поучува и другите. Ако Му се обратиме со вера, Тој лично ќе ни зборува за Своите тајни. Срцето ќе ни гори во градите кога Тој ќе се приближи да разговара со нас исто како што разговарал со Енох. Оние кои се

подготвени да не прават ништо што не Му е угодно на Бога, ќе знаат кога во молитва да го изнесат својот случај пред Него, по кој пат треба да тргнат. Тие ќе бидат надарени не само со мудрост, туку и со сила. За да можат да послушаат и верно да ја извршуваат својата служба, ќе им биде подарена силата што Христос им ја ветил. Сè што му е дадено на Христа - сè што е потребно за да се задоволат потребите на грешните луѓе - дадено му е Нему како на Поглавар и претставник на човештвото. И „што и да побараме, ќе примиме од Него, зашто ги држиме Неговите заповеди и правиме што му е Нему угодно". (1. Јованово 3:22) {КВ 668.4}

Пред да се принесе Себеси како жртва, Христос го побарал најдрагоцениот и најсовршен дар за Своите следбеници, дар што ќе им ги приближи неисцрпните ресурси на благодатта. Тој рекол: „Јас ќе го помолам Таткото, па ќе ви даде друг Утешител кој ќе остане со вас засекогаш: Духот на вистината, Кого светот не може да го прими, зашто ниту го гледа, ниту го познава. Вие го познавате зашто Тој престојува при вас и ќе биде со вас. Нема да ве оставам сирачиња. Ќе дојдам при вас". (Јован 14:16-18) {КВ 668.5}

Духот и претходно бил на овој свет. Тој делувал на срцата на луѓето од самиот почеток на делото на откупувањето. Додека Христос бил на Земјата, на учениците не им бил потребен друг помошник. Меѓутоа, кога ќе бидат лишени од Неговото присуство, тие ќе почувствуваат потреба за дарот на Светиот Дух и тогаш Тој ќе дојде. {КВ 669.1}

Светиот Дух е Христов претставник, но не во човечки лик и не зависи од него. Оптоварен од човечката природа, Христос не можел лично да биде на секое место. Затоа, во нивен интерес било Тој да се врати кај Таткото и да го испрати Духот да биде негов наследник на Земјата. Тогаш никој нема да биде посебно привилегиран само поради местото во кое живее или поради својот личен допир со Христа. Со посредство на Духот, Спасителот ќе биде достапен на сите. Во таа смисла Тој ќе им биде поблизу отколку кога не би се вознел на Небото. {КВ 669.2}

„Кој Ме љуби Мене, него ќе го љуби Мојот Татко и Јас ќе го љубам и ќе му се објавам Себеси". Исус знаел каква ќе биде иднината на Неговите ученици. Еден видел на губилиште, друг на крст, трет во прогонство меѓу осамени карпи на пуст остров, други прогонувани и убивани. Затоа ги храбрел со ветувањето дека во секоја неволја Тој ќе биде со нив. Тоа ветување ниту малку не загубило од својата сила. Господ знае сè за Своите верни слуги кои поради Него лежат во затвор или се прогонети на осамени и пусти острови. Тој ги теши со Своето присуство. Кога верникот заради вистината ќе се најде на обвинителна клупа и тоа пред неправедни судии, Христос стои покрај Него. Секое обвинување против него, паѓа на Христа. Христос повторно се осудува во лицето на ученикот. Кога некој од нив ќе се најде како затвореник меѓу затворските решетки, Христовата љубов го исполнува срцето со свет занес. Кога некој мора и да умре заради Него, Христос вели: „Јас сум Оној што живее и беше мртов и ете жив сум за сите векови... и ги имам клучевите од адот и смртта". (Откровение 1:18) „Животот што се жртвува заради Мене, ќе биде сочуван за вечна слава". {КВ 669.3}

Во сите времиња и на секое место, во сите страдања и во секоја болка, кога изгледите се мрачни, а иднината неизвесна, кога се чувствуваме беспомошни и осамени, Утешителот ќе биде испратен како одговор на молитвата со вера. Околностите можат да не одвојат од сите земни пријатели, но никакви околности, никаква оддалеченост не може да не одвои од небесниот Утешител. Каде и да сме, каде и да одиме, Тој секогаш ни е од десната страна за да не поддржува, помага, да не подига и охрабрува. {КВ 669.4}

Учениците сè уште не ги сфатиле Христовите зборови во нивната духовна смисла и Тој повторно им го објаснил нивното значење. Нагласил дека Тој ќе им се открива и јавува преку Светиот Дух. „Утешителот, Светиот Дух, што ќе ви го испрати Мојот Татко во Мое име, ќе ве научи на сè". Нема повеќе да кажете: Јас не можам да сфатам. Нема повеќе да гледате како низ стакло, нејасно, туку ќе можете „да сфатите заедно со сите свети која е широчината, должината, длабочината и висината и да ја запознаете Христовата љубов што го надминува секое знаење". (Ефесјаните 3:18,19) {КВ 670.1}

Учениците требало да сведочат за Христовиот живот и работа. Преку нивните зборови Тој ќе им зборува на сите народи на Земјата. Меѓутоа, при Христовото понижување и смрт, тие ќе бидат изложени на тешки проби и болно разочарување. Потоа за нивните изјави да бидат веродостојни, Исус ветил дека Утешителот ќе ги „потсети на сè што ви реков". {КВ 670.2}

„Уште многу имам да ви кажам," продолжил Исус, „но сега не можете да носите. А кога ќе дојде Тој, Духот на вистината, ќе ве упати на секоја вистина; зашто нема да зборува сам од Себе, туку ќе го кажува она што ќе го слушне и ќе ви навести за нештата што ќе дојдат. Тој ќе Ме прослави Мене, зашто ќе земе од Моето и тоа ќе ви го објави вам". Исус пред Своите ученици отворил едно широко подрачје на вистината. Меѓутоа, ним сè уште им било многу тешко да ја воочат јасната разлика меѓу Неговите поуки и преданијата и начелата на фарисеите. Тие биле воспитани учењето на рабините да го прифатат како Божји глас и тоа сè уште имало силно влијание врз нивните умови и во обликувањето на нивното мислење. Во нивното срце земните идеи и минливите работи сè уште заземале големо место. Тие не ја сфатиле духовната природа на Христовото царство, иако Тој многупати им ја објаснувал. Нивните умови биле збунети. Не ја сфаќале вредноста на библиските стихови кои Христос ги изнесувал. Многу од поуките што им ги упатил како да биле напразни. Исус видел дека тие не ја сфатиле вистинската смисла на Неговите зборови. Затоа во сочувствување им ветил дека Светиот Дух повторно ќе ги потсети на зборовите што Тој им ги зборувал. Исто така, Духот ќе им го открие и сето она што не можел да им го каже, бидејќи гледал дека не Го разбираат. Светиот Дух ќе ја оживее моќта на разбирањето, така што ќе можат да го сфатат она што е небесно. „Кога ќе дојде Тој, Духот на вистината," рекол Исус, „Тој ќе ве упати на секоја вистина". {КВ 670.3}

Утешителот е наречен „Духот на вистината". Негова задача е да ја открие и разјасни вистината. Тој прво престојува во срцето како Дух на вистината и на тој начин станува Утешител. Вистината донесува мир и утеха, но вистинскиот мир и утеха не можат да се најдат во лагата. Со посредство на лажни теории и традиции сатаната стекнува власт над душите на многумина. Упатувајќи ги луѓето на лажни идеали, тој го изопачува карактерот. Меѓутоа, Светиот Дух и зборува на душата преку Светото Писмо и ја втиснува вистината во срцето. На тој начин Тој ја разоткрива заблудата и ја протерува од душата. Со Духот на вистината, кој делува преку пишаната Божја Реч, Христос ги потчинува Своите избраници. {КВ 671.1}

Опишувајќи им го на Своите ученици делото на Светиот Дух, Исус настојувал да ги израдува и охрабри со радоста и надежта која го исполнувала Неговото срце. Се радувал што на Неговата црква и е обезбедена изобилна помош. Светиот Дух е највозвишен од сите дарови кои можел да ги побара од Таткото со цел да ги воздигне Своите следбеници. Духот ќе им биде даруван заради преродување, а без тоа Христовата жртва би била безуспешна. Моќта на злото зајакнувала низ вековите и било неверојатно колку луѓето немоќно се потчинувале на ропството на сатаната. Да се

пружи отпор на гревот и да се совлада може само со моќното делување на Третото Лице на Божеството, Кој не Доаѓа со никаква ограничена енергија, туку со целосна божествена сила. Духот го спроведува во дело она што го извојувал Спасителот на светот. Со силата на Светиот Дух срцето се чисти од гревот. Со помош на Светиот Дух верникот станува учесник во божествената природа. На Своите следбеници Христос им го дава Својот Дух, како божествена сила, за да ги совладаат сите наследени и стекнати склоности кон злото и црквата да го прими печатот на Неговиот карактер. {КВ 671.2}

Исус рекол за Духот: „Тој ќе ме прослави Мене". Спасителот дошол да го прослави Таткото, демонстрирајќи ја Неговата љубов; така и Духот ќе го прослави Христа, откривајќи ја на светот Неговата благодат. Во луѓето мора повторно да се одрази Божјиот лик. Во усовршувањето на карактерот на Божјиот народ во прашање е Божјата чест, Христовата чест. {КВ 671.3}

Кога Тој (Духот на вистината) ќе дојде, ќе му укаже на светот за гревот, за праведноста и за судот". Проповедањето на Речта нема да има никакво влијание без постојаното присуство и помошта на Светиот Дух. Тоа е единствениот делотворен учител на божествената вистина. Вистината може да ја разбуди совеста и да го преобрази животот само ако е внесена во срцето со силата на Светиот Дух. Човекот може да биде способен да го изнесе словото на Божјата Реч, може да биде запознаен со сите Божји заповеди и ветувања, но ако Светиот Дух не ја всади вистината во срцата на слушателите, ниту една душа нема да падне на Карпата и да се скрши. Никакво образование, никакви предности, колку и да се големи не можат да го претворат човекот во орудие на светлината, без соработката на Божјиот Дух. Сеењето на семето на евангелието нема да има успех ако небесната роса не го оживее семето. Пред да биде напишана која и да е книга на Новиот завет, пред да биде одржана која и да е евангелска проповед по Христовото воскресение, Светиот Дух се симнал на апостолите кои биле собрани на молитва. Тогаш сведоштвото на нивните непријатели било: „Го наполнивте Ерусалим со својата наука". (Дела 5:28) {КВ 671.4}

Христос на Својата црква и го ветил дарот на Светиот Дух и тоа ветување не им припаѓа само на првите ученици туку и на нас. Меѓутоа, како и секое друго ветување, тоа е дадено под одредени услови. Многумина велат дека веруваат и полагаат право на Господовото ветување, тие зборуваат за Христа и за Светиот Дух, а Сепак немаат никаква полза од тоа. Тие не ја потчинуваат својата душа на контролата и водството на божествената сила. Ние не можеме да го употребуваме Светиот Дух, туку Тој треба да не употребува нас. Преку Него Бог влијае на Неговиот народ „да сака и да постапува според Неговата волја". (Филипјаните 2:13) Меѓутоа, многумина не се подготвени да се покорат на тоа. Тие сакаат да управуваат сами со себе. Поради тоа тие не го примаат небесниот дар. Духот се дава само на оние кои понизно Го чекаат Бога и кои го очекуваат Неговото водство и благодат. Таа божествена сила подготвено чека да ја побараме и ќе ја примиме. Побаран со вера, овој ветен благослов ги донесува со себе и сите останати благослови. Тој се дава во сообразност со изобилството на Христовата благодат, а Тој е подготвен на секоја душа да и даде онолку колку што таа е способна да прими. {КВ 672.1}

Во говорот одржан на учениците, Исус не дал никакви тажни навестувања за Своите страдања и смрт. Неговата последна оставнина за нив била оставнина на мир. Тој рекол: „Ви оставам мир; Својот мир ви го давам; не ви го давам како што дава светот. Да не се вознемирува вашето срце, ниту да се бои". {КВ 672.2}

Пред да ја напушти горната соба, Спасителот заедно со Своите ученици отпеал песна на благодарност. Во тонот на Неговиот глас не се насетувало тажно оплакување, туку радосен призвук на пасхален фалбоспев: {КВ 672.3}

„Фалете го Господа сите народи,
Славете го сите племиња,
Зошто голема е Неговата милостива љубезност кон нас,
И Господовата вистина останува довека.
Алелуја!" (Псалм 117) {КВ 672.4}

По химната тие излегоа. Поминале низ улиците полни со луѓе, излегле низ градската капија и се упатиле кон Маслиновата Гора. Оделе полека и секој бил обземен со свои мисли. Кога се приближиле кон гората, Исус рекол со глас со најдлабока жалост: „Сите вие, уште оваа ноќ, ќе се соблазните поради Мене, зашто е пишано: Ќе го удрам пастирот и овците од стадото ќе се разбегаат". (Матеј 26:31) Учениците слушале со болка и вчудовидување. Тоа ги потсетило на оној настан, кога Исус во синагогата во Капернаум зборувал за Себе како леб на животот и како мнозина се соблазниле и се одвоиле од Него. Меѓутоа, овие дванаесетмина не се покажале неверни. Зборувајќи во име на своите браќа, Петар ја изразил својата преданост на Христа. Тогаш Спасителот рекол: „Нели ве избрав Јас вас дванаесетмина и Сепак еден од вас е ѓавол?" (Јован 6:70) Во горната соба Исус рекол дека еден од дванаесетминатa ќе Го предаде и дека Петар ќе се откаже од Него. Но сега Неговите зборови се однесувале на сите. {КВ 673.1}

Тогаш се слушнал гласот на Петар како енергично протестира: „Ако навистина сите се соблазнат, јас нема да се соблазнам". Во горната соба изјавил: „Душата моја ќе ја положам за Тебе". Исус го предупредил дека уште истата ноќ ќе се откаже од својот Спасител. Сега Христос ја повторил таа опомена: „Навистина ти велам дека токму денес, уште ноќеска, пред да запее петел двапати, трипати ќе се откажеш од Мене". Меѓутоа, Петар уште „порешително тврдел: Кога би морал да умрам со Тебе, сигурно не би се откажал од Тебе. Така зборуваа и сите други". (Марко 14:29-31) Во својата самодоверба тие ја негирале повторената изјава на Оној, Кој знае сè. Не биле подготвени за таа проба; ги сфатиле своите слабости дури тогаш кога искушението ги совладало. {КВ 673.2}

Кога Петар рекол дека ќе го следи својот Господ во затвор и смрт, тој навистина го мислел тоа, секој збор од кажаното, но тој не се познавал себеси. Во неговото срце биле скриени сите елементи на злото што околностите ќе ги оживеат. Ако не стане свесен за опасноста во која се наоѓа, тоа ќе го доведе до вечна пропаст. Спасителот видел во него самољубие и уверување што ќе ја надминат и неговата љубов кон Христа. Во неговиот дотогашен живот се манифестирале многу слабости, многу непобедени гревови, лекомислен дух, непосветена природа и склоност непотребно да се изложува на искушенија. Со Христовата опомена Петар бил повикан да го испита своето срце. Не смеел да се надева сам во себе и требало да има подлабока вера во Христа. Кога понизно би ја примил опомената, тој би се обратил на Пастирот на стадото да ги сочува Своите овци. Кога на Галилејското езеро се заканила опасност да потоне, тој повикал: „Господи, спаси ме". (Матеј 14:30) Тогаш Христос ја испружил Својата рака и го фатил за неговата. Така и сега би бил запазен, кога би повикал кон Исуса: „Спаси ме од мене самиот!" Меѓутоа, Петар сметал дека во него Спасителот немал доверба и сметал дека тоа било сурово. Навреден, тој станал уште поупорен во својата самодоверба. {КВ 673.3}

Исус со сочувство ги набљудувал Своите ученици. Тој не можел да ги спаси од неволјите, но не ги оставил без утеха. Ги тешел со ветувањето дека ќе ги раскине оковите на гробот и дека Неговата љубов кон нив никогаш нема да исчезне. „Кога ќе воскреснам," рекол Тој, „ќе отидам пред вас во Галилеја". (Матеј 26:32) Уште пред откажувањето тие имале уверување за простување. По Неговата смрт и воскресение тие знаеле дека им е простено и дека сè уште се мили на Христовото срце. {КВ 674.1}

Исус и учениците се приближувале кон Гетсиманија, при подножјето на Маслиновата Гора на кое Тој често заминувал за да размислува и да се моли. Спасителот им ја објаснувал на Своите учениците Својата мисија во светот и духовната врска која тие треба да ја одржуваат со Него. Тогаш сликовито им изнел една поука. Месечината која во тоа време била полна, откривала во Неговиот поглед една родна лоза. Насочувајќи го вниманието на учениците на таа лоза, Тој ја употребил како симбол. {КВ 674.2}

„Јас сум вистинска лоза," рекол. Наместо прекрасната палма, величествениот кедар или силниот даб, Исус симболично се прикажал Себеси преку лозата со своите ластари кои се превиткуваат. Палмата, кедарот и дабот можат сами да стојат. Ним не им е потребна потпора. Меѓутоа, лозата се испреплеткува околу потпорите и така се искачува кон небото. Така Христос во Својата човечка природа се потпирал на божествената сила. „Јас не можам да правам ништо од Себе," рекол Тој. (Јован 5:30) {КВ 674.3}

„Јас сум вистинска лоза". Евреите отсекогаш сметале дека лозата е најблагородна билка и дека е симбол на сè што е силно, извонредно и плодно. Израел бил прикажан како лоза која Бог ја засадил во ветената земја. Евреите ја засновале својата надеж во спасението на својата врска со Израел. Меѓутоа, Исус вели: „Јас сум вистинска лоза. Не мислете дека заради својата врска со Израел ќе станете учесници во Божјиот живот и наследници на Неговите ветувања. Само преку Мене се добива духовен живот". {КВ 675.1}

„Јас сум вистинска лоза и Мојот Татко е лозар". На ритчињата на Палестина нашиот небесен Татко ја засадил таа убава Лоза, а самиот Тој бил лозарот. Убавината на таа Лоза привлекла многумина и тие признале дека таа навистина е од небесно потекло. Меѓутоа, на еврејските поглавари таа Лоза им изгледала како корен од сува земја. Тие ја откорнале, искршиле и фрлиле под своите грешни нозе. Нивната намера била засекогаш да ја уништат. Меѓутоа, небесниот Лозар никогаш не ја изгубил од вид Својата садница. Кога луѓето сметале дека ја уништиле, Тој ја земал и повторно ја засадил од другата страна на ѕидот. Лозата веќе не се гледала. Била скриена од суровите напади на луѓето. Но прачките на оваа Лоза виселе над ѕидот. Тие ја претставувале Лозата. Преку нив калемите сè уште можеле да се соединат со Лозата. На нив виселе гроздови готови за берба, кои минувачите можеле да ги наберат. {КВ 675.2}

„Јас сум Лозата, а вие сте прачки," им рекол Христос на Своите ученици. Иако наскоро требало да се одвои од нив, нивното духовно единство со Него требало да остане непроменето. „Поврзаноста на прачката со лозата," рекол Тој, „ја претставува врската што вие треба да ја одржувате со Мене". Калемот се калеми на жива прачка и влакно по влакно, жиличка по жиличка зараснува со лозата. Животот на лозата претставува живот на прачката. Така и душата, мртва заради престапот и гревот, добива живот преку врската со Христа. Таа врска се создава со вера во него како во личен Спасител. Грешникот ја обединува својата немоќ со Христовата сила, својата празнина

со Христовото изобилство, својата слабост со Христовата неминлива моќ. Тогаш тој добива Христов ум. Примајќи човечка природа, Христос дошол во допир со нашата природа, а нашата природа дошла во допир со божеството. На тој начин преку Светиот Дух човекот станува учесник во божествената природа и е прифатен во Саканиот. {КВ 675.3}

Тоа единство со Христа, еднаш воспоставено, мора да се одржува. Христос рекол: „Бидете во Мене и Јас ќе останам во вас. Како прачката што не може да роди род сама од себе ако не биде на лозата, така ни вие, ако не останете во Мене". Тоа не е никаков случаен допир, никаква минлива врска. Гранката станува дел од живата лоза. Пренесувањето на животот, на силата и плодноста од лозата на прачката е непречено и постојано. Ако се одвои од лозата, прачката не може да живее. „Исто така," рекол Исус, „вие не можете да живеете одвоено од Мене. Животот што го добивте од Мене може да се одржи единствено во заедница со Мене. Без Мене не можете да совладате ниту еден грев, не можете да се спротивставите ниту на едно искушение". {КВ 676.1}

„Бидете во Мене и Јас ќе останам во вас". Да се биде во Христа значи постојано да се прима Неговиот Дух, значи да се живее живот на безусловна преданост на Неговата служба. Каналот на комуникација меѓу човекот и неговиот Бог не смее никогаш да се прекине. Како што прачката постојано црпи животен сок од лозата, така ние мораме цврсто да се држиме за Исуса и со вера да примаме од Него сила и совршенство на Неговиот карактер. {КВ 676.2}

Коренот праќа храна преку прачката до најоддалечените гранчиња. Така Христос пренесува на секој верник духовна сила. Сè додека душата е обединета со Христа, нема опасност дека ќе овене или ќе изумре. {КВ 676.3}

Животот на лозата ќе се покаже во пријатен плод на лозата. Исус вели: „Оној што останува во Мене и Јас во него, ќе роди многу род, зашто без Мене не можете да сторите ништо". Ако живееме со вера во Божјиот Син, плодовите на Духот ќе се покажат во нашиот живот и ниту еден од нив нема да ни недостига. {КВ 676.4}

„Мојот Татко е лозарот. Тој ја сече секоја прачка на Мене што не раѓа род". Иако калемот надворешно е споен со лозата, Сепак може да не постои животна врска. Во тој случај нема да има раст ниту плод. Исто така, и човекот може да покажува надворешна врска со Христа без вистинска поврзаност со Него преку вера. Со исповедање на верата луѓето стануваат членови на црквата, но нивниот карактер и постапки покажуваат дали тие се поврзани со Христа. Ако не донесуваат род, тие се лажни лози. Нивната пропаст заради тоа што не одржуваат постојана врска со Христа е неминовна, исто така како што прачката која ќе се исуши не може да остане на лозата. „Оној што не останува во Мене," вели Христос, „ќе се исфрли како прачка надвор и ќе се исуши. Потоа таквите ги собираат и ги фрлаат во оган да горат". {КВ 676.5}

„Секоја прачка што раѓа род Тој ќе ја прочисти за да роди повеќе род". Од избраните дванаесетмина што го придружувале Исуса, еден брзо ќе биде отфрлен како сува прачка, а останатите ќе дојдат под „ножиците" на горчливата проба. Исус со свечена нежност ја објаснил целта на лозарот. Кастрењето ќе биде Болно, но ножиците се во рацете на Таткото. Тој не работи со немилосрдна рака, ниту со рамнодушно срце. Има и такви прачки кои се влечат по земјата; тие треба да се одвојат од земјината подлога за која се прицврстиле со своите ластари и да се насочат кон небото, за да најдат своја потпора во Бога. Излишните лисја кои ги одземаат животворните сокови неопходни за плодот, треба да се отстранат. Премногу густите гранки треба да се отсечат за да не го спречуваат продирањето на исцелувачките зраци на Сонцето на

праведноста. Лозарот ги сече штетните изданоци за плодот да биде поубав и пообилен. {КВ 676.6}

„Мојот Татко ќе се прослави со тоа,“ рекол Исус, „што ќе родите многу род”. Бог сака преку нас да ја покаже Својата светост, добрина и сочувство белезите на Неговиот карактер. Сепак, Спасителот не им наредува на учениците да се напрегаат за да родат плод. Тој им кажува да останат во Него. „Ако останете во Мене и ако Моите зборови останат во вас, тогаш што и да посакате, барајте и ќе ви биде”. Христос живее во Своите следбеници преку Својата Реч. Тоа е истата онаа животна врска која е симболично прикажана со земање на Неговото тело и Неговата крв. Христовите зборови се дух и живот. Прифаќајќи ги тие зборови, ние го примаме животот на Лозата. Тогаш живееме „од секој збор што излегува од Божјата уста”. (Матеј 4:4) Христовиот живот во нас ги раѓа истите оние плодови кои се виделе во Него. Ако живееме во Христа, прилепувајќи се до Христа, ако Тој постојано не одржува и храни тогаш плодот што ќе го донесеме ќе биде сличен на Неговиот. {КВ 677.1}

На последната средба со Своите ученици, Исус изразил голема желба да се љубат еден со друг како што ги љуби Тој. Тој многупати зборувал за тоа. „Оваа заповед ви ја давам,“ повторувал Тој, „да се љубите еден со друг”. Кога биле сами со Него во горната соба, Неговиот прв налог бил: „Нова заповед ви давам: Да се љубите еден со друг, како јас што ве љубев вас, така и вие љубете се еден со друг”. За учениците оваа заповед била нова заради тоа што тие не се љубеле еден со друг онака како што Христос ги љубел нив. Тој видел дека со нив мораат да завладеат целосно нови идеи и нови побуди, дека мораат да спроведуваат нови начела во животот, преку Неговиот живот и смрт требало да стекнат поинаква претстава и нов поим за љубовта. Во Светлината на Неговата жртва, заповедта да се љубат еден со друг добила ново значење. Целокупното дело на благодатта е една постојана служба на љубов, самооткажување, еден постојан напор на самопожртвување. Божјата љубов се излевала преку Христа како незапирлива река за цело време на Неговиот престој на Земјата. Сите оние што се исполнети со Неговиот Дух ќе љубат онака како што љубел Тој. Во сите свои меѓусебни односи ќе се раководат според начелото со кое се раководел Христос. {КВ 677.2}

Љубовта требала да биде доказ дека сите тие се Негови ученици. „Така сите ќе познаат дека сте Мои ученици,“ рекол Исус, „ако имате љубов меѓу себе”. Кога луѓето се меѓусебно здружени и поврзани не со сила или со лични интереси туку со љубов, тие ќе покажат делување на една сила која е повозвишена од човечката. Таквото единство претставува очигледен доказ дека Божјиот лик е обновен во човечкиот род, дека е всадено едно ново начело на животот. Тоа покажува дека во божествената природа постои сила која е во состојба да се спротивстави на натприродните сили на злото и дека Божјата благодат ја потчинува себичноста што е вродена во човечкото срце. {КВ 678.1}

Таквата љубов покажана во црквата, сигурно ќе предизвика гнев кај сатаната. Христос не им укажал на Своите ученици на песна и удобна патека. „Ако светот ве мрази вас,“ рекол, „знајте дека прво ме мразеше Мене. Кога би му припаѓале на светот, светот би ги љубел своите. Бидејќи не му припаѓате на светот Јас ве избрав од светот затоа светот ве мрази. Спомнете си за зборовите што ви ги кажав: Слугата не е поголем од својот господар. Ако ме прогонуваа Мене и вас ќе ве прогонуваат. Ако ја држеа Мојата Реч и вашата ќе ја држат. Но сето ова ќе го прават заради Моето име, зашто не го познаваат Оној што Ме прати”. Евангелието мора да се шири со одлучна борба,

наспроти спротивставувањето, опасноста, загубите и страдањата. Меѓутоа, оние кои прават така, едноставно одат по стапките на својот Учител. {КВ 678.2}

Како Откупител на светот, Христос постојано бил изложен на привиден неуспех. Се чинело дека Тој Гласникот на милоста за нашиот свет малку постигнал во делото на издигање и спасување. Сатанските влијанија постојано работеле за да му се спротивстават. Меѓутоа, Тој не дозволил да се обесхрабри. Преку пророштвото на Исаија Тој вели: „Напразно се мачев и напразно ја потрошив Мојата сила. Сепак, кај Господа е Моето право и кај Мојот Бог наградата Моја... Ако Израел и не се собере, пак ќе се прославам пред Господа и Мојот Бог ќе биде Моја сила". На Христа му е дадено ветување: „Вака вели Господ, Откупителот Израелев, Светецот негов, на Оној што го презираат и од кого се гадат народите... Вака вели Господ... Те запазив и те поставив за завет на народот, за да ја востановиш земјата и да причиниш наследување на опустеното наследство; за да им кажеш на затворениците: Излезете; а на оние што се во мрак: Покажете се... Нема повеќе да гладуваат ниту да жеднеат, нема да ги мачи жега ни сонце, зашто ќе ги води Оној што им се смилувал, ќе ги доведе на извори водни". (Исаија 49:4,5,7-10) {КВ 678.3}

Христос се потпирал врз оваа Реч и не му попуштал на сатаната. Кога се подготвувал да ги преземе последните чекори на Своето понижување, кога најдлабока тага ја обземала Неговата душа, Христос им рекол на Своите ученици: „Се приближува кнезот на овој свет и тој нема ништо во Мене". „Кнезот на овој свет е осуден". Сега тој ќе биде истеран. (Јован 14:30; 16:11; 12:31) Со пророчко око Христос ги видел сцените што ќе се одиграат во Неговиот последен голем судир. Знаел дека цело небо ќе триумфира кога Тој ќе извика: „Се сврши!" До Неговото уво како веќе да допирала далечната музика и победничките извици од небесните дворови. Знаел дека тогаш ќе зазвони последното посмртно звоно на сатанското царство и дека Христовото име ќе се разгласи и издигне од планета до планета низ цела вселена. {КВ 679.1}

Христос се радувал што за Своите следбеници ќе може да направи многу повеќе отколку што тие можат да побараат или да замислат. Зборувал со сигурност, знаејќи дека бил донесен декрет од Семоќниот уште пред создавањето на светот. Знаел дека во судирот со злото ќе победи вистината вооружена со семоќната сила на Светиот Дух и дека над Неговите следбеници триумфално ќе завиори со крв попрскано знаме. Знаел дела животот на Неговите верни ученици ќе биде како и Неговиот, постојана низа на победи, кои овде луѓето нема да ги видат како такви, но кои ќе се покажат како такви во идниот живот. {КВ 679.2}

„Ова ви го кажав," рекол, „за да имате мир во Мене. Во светот ќе имате неволји, но не плашете се, зашто Јас го победив светот". Христос не малаксал ниту бил обесхрабрен, па и Неговите ученици морале да покажат исто толку цврста вера. Требало да живеат како што живеел Тој, да работат како што работел Тој, бидејќи тие се надеваат во Него како во свој голем Поглавар и Учител. Тие мораат да бидат храбри, енергични и истрајни. Преку Негова благодат мораат да одат напред, иако привидни тешкотии ќе им се испречуваат на нивниот пат. Наместо да се жалат на своите тешкотии, треба да се издигнат над нив. Тие не треба да очајуваат од ништо и да се надеваат на сè. Христос ги приврзал за Божјиот престол со златен синџир на Својата неспоредлива љубов. Негова желба е тие да го поседуваат највозвишеното влијание во вселената, која произлегува од изворот на семоќта. Тие мораат да примат сила за да можат да се спротивстават на гревот и злото, сила која ниту земјата, ниту смртта, ниту гробот не можат да ја победат, сила која ќе им овозможи да победат како што победил Христос. {КВ 679.3}

Христос сака небесниот поредок, небесниот план на владеење и небесната божествена хармонија да бидат прикажани во Неговата црква на Земјата. На тој начин Тој ќе биде прославен во Своите следбеници. Преку нив зраците на Сонцето на праведноста ќе го осветлат светот со непоматен сјај. Христос и дал изобилни предности на Својата црква за Тој да може да прими голема добивка на слава од Својата избавена, откупена сопственост. Тој на Своите следбеници им подарил способности и благослови за да го прикажуваат неисцрпното богатство на Неговата моќ. Црквата, надарена со Христовата праведност, е Негов склад и во неа богатствата на Неговата милост, благодат и љубов треба да се појават во својот најголем сјај. Во Својот народ, во неговата чистота и совршенство, Христос ја гледа наградата за Своето понижување и додатокот на Својата слава Христос, Големиот Центар од Кого зрачи сета слава. {КВ 680.1}

Спасителот ги завршил Своите поуки со силни зборови полни со надеж. Потоа во молитва за Своите ученици го излеал товарот на Својата душа. Подигајќи го погледот кон небото, ја изговорил молитвата: „Татко, дојде часот; прослави го Својот Син, за и Твојот Син да те прослави Тебе и, како што си му дал власт над секое тело, та да им даде живот вечен на сите што му ги даде. А ова е живот вечен: Да те запознаат Тебе, единствениот вистински Бог и Исуса Христа, Кого си го пратил". {КВ 680.2}

Христос го завршил делото што му било доверено. Тој го прославил Бога на Земјата. Го објавил името на Таткото. Ги собрал оние што ќе го продолжат Неговото дело меѓу луѓето. Рекол: „Јас се прославив во нив. И не сум повеќе во светот. А тие остануваат во светот, а Јас Доаѓам кај Тебе. Свет Татко, запази ги во Свое име оние што Ми ги даде, да бидат едно како што сме ние". „Не се молам само за нив, туку и за оние коишто ќе поверуваат во Мене преку нивните зборови, за сите да бидат едно... Јас во нив, а Ти во Мене, да станат потполно едно и за светот да познае дека Ти ме прати и дека ги љубеше нив како што Ме љубеше Мене". {КВ 680.3}

Така Христос, со зборови на Оној, Кој има божествен авторитет ја предал Својата избрана црква во рацете на Таткото. Како посветен Првосвештеник, Тој посредува кај Таткото за Својот народ. Како верен Пастир, Тој го собрал Своето стадо под сенката на Семоќниот, во силно и сигурно засолниште. Нему непосредно Му претстоела последната битка со сатаната и Тој тргнал напред да се соочи со неа. {КВ 680.4}

74. ГЕТСИМАНИЈА

Оваа поглавје е засновано на Матеј 26:36-56; Марко 14:32-50;
Лука 22:39-53; Јован 18:1-12

Во друштво на Своите ученици Спасителот полека се упатил кон Гетсиманската градина. За време на празникот Пасха, небото секогаш било чисто, без ниеден облак и од него секогаш светела полна Месечина. Градот на шаторите од патниците кои дошле во Ерусалим за празникот, бил во тишина. {КВ 685.1}

Цело време додека патувале Исус разговарал со Своите ученици и срдечно ги поучувал, но кога се приближиле кон Гетсиманската градина станал необично молчалив. Тој често престојувал на ова место во размислување и молитва, но Неговото срце никогаш не било толку полно со тага како во таа ноќ на Неговата последна агонија. Во текот на целиот Свој живот на Земјата, Тој одел во светлината на Божјото присуство. Кога бил во судир со луѓето инспирирани од сатанскиот дух, можел да каже: „Оној што

Ме прати е со Мене. Таткото не Ме остава сам, зашто Јас секогаш го чинам она што Му е Нему угодно”. (Јован 8:29) Сега изгледало како божествената светлина да не е повеќе со Него, како да нема помош од Божјото присуство. Сега се вбројувал меѓу престапниците. Морал да ја понесе вината на паднатиот човечки род. Дошол моментот кога врз Него, Кој не знаел за грев, да се положат беззаконијата на сите нас. Имајќи ја пред очите одвратноста на гревот и сета тежина на вината што мора да ја понесе, Доаѓал во искушение да стравува дека поради тоа засекогаш ќе биде одвоен од љубовта на Својот Татко. Знаејќи колку е ужасен Божјиот гнев кон престапот, извикал: „Душата ми е премногу нажалена, дури до смрт”. {КВ 685.2}

Додека се приближувале кон градината, учениците ја забележале промената кај својот Учител. Никогаш порано не Го виделе толку тажен и молчалив. Додека одел, таа необична тага станувала сè подлабока, но тие не се осмелувале да Го прашаат за причината. Неговото тело се тетеравело небаре ќе падне. Доаѓајќи во градината, учениците загрижено го побарале местото каде што Тој вообичаено се повлекувал, за да може да се одмори. Христос го правел секој чекор со напор. Гласно воздивнувал, како да страда под притисок на некој страшен товар. Неговите придружници го придржувале двапати, инаку Тој би паднал на земја. {КВ 685.3}

Близу до влезот на градината Исус се одвоил од сите ученици, освен од тројца, кои ги повикал да се молат за себе и за Него. Со Петар, Јаков и Јован, Тој се повлекол во најосамениот дел од градината. Овие тројца ученици биле негови најблиски придружници. Тие биле очевидци на Неговата слава на гората на преобразувањето; виделе како Мојсеј и Илија зборуваат со Него; слушнале глас од небото; сега, во Својата голема борба, Христос сакал тие да бидат во Негова близина. На ова место, тие често минувале ноќи заедно со Него. Во тие прилики, по период на бдеење и молитва, тие мирно би заспале недалеку од својот Учител, додека не ги будел наутро за одново да да тргнат на работа. Но сега тој сакал да ја поминат ноќта во молитва со Него. Сепак, не можел да поднесе дури и тие да бидат сведоци на душевните страдања кои морал да ги претрпи. {КВ 686.1}

„Почекајте овде,“ рекол, и „бдејте со Мене”. {КВ 686.2}

Се оддалечил малку од нив не многу, така што можеле да Го видат и да Го слушнат и паднал ничкум на земјата. Тој чувствувал дека заради гревот бил одвоен од Таткото. Бездната била толку широка, толку темна, толку длабока, што Неговиот Дух затреперил пред неа. Не смеел да ја користи Својата божествена сила за да ја избегне оваа агонија. Морал како човек да ги поднесе сите последици на човечкиот грев. Морал како човек да го искуси Божјиот гнев против престапот. {КВ 686.3}

Христос сега се наоѓал пред нив во положба во која никогаш порано не Го виделе. Неговите страдања најдобро можат да се опишат со зборовите на пророкот: „Разбуди се, О мечу против Мојот пастир, против човекот кој е Мој ближен, вели Господ над војските”. (Захарија 13:7) Како замена и гаранција за грешниот човек, Христос страдал под божествената правда. Видел што значи правдата. До тогаш Тој бил како посредник за другите; сега копнеел по тоа некој Нему да му биде посредник. {КВ 686.4}

Чувствувајќи дека Неговата врска со Таткото е прекината, Тој стравувал дека во човечка природа нема да биде во состојба да ја издржи претстојната борба со силите на темнината. Во пустината на искушението, на почетокот на Неговата мисија, се решавала судбината на човечкиот род. Тогаш Христос победил. Сега искушувачот дошол на последниот страшен двобој. Тој се подготвувал за тој момент во текот на тригодишната Христова служба. Сега вложил во тоа сè. Ако овде претрпи неуспех, сета

Негова надеж дека ќе стекне власт над овој свет би била уништена, царствата на светот на крај би станале Христови, а самиот тој би бил совладан и отфрлен. Кога Христос би бил победен, Земјата би станала царство на сатаната и човечкиот род засекогаш би бил под негова власт. Христос знаел што е предмет на судирот што му претстои и помислата дека е одвоен од Бога му ја исполнувала душата со ужасен страв. Сатаната му зборувал дека доколку стане гаранција за грешниот свет, тоа одвојување ќе биде вечно. Со тоа Тој би се поистоветил со поданиците на сатанското царство и никогаш повеќе нема да биде едно со Бога. {КВ 686.5}

Што требало да се добие со таа жртва? Колку безнадежно изгледале вината и неблагодарноста на луѓето! Сатаната му ја прикажувал фактичката состојба на Откупителот во најцрни бои: „Те отфрли народот што тврди дека е над сите други во земните и во духовните предимства. Иако претставуваш темел, центар и печат на сите ветувања кои му се дадени како на избран народ, тој настојува да те уништи. Еден од Твоите ученици што ги слушаше Твоите поуки и беше меѓу првите во црковните активности, ќе Те предаде. Ќе се откаже од Тебе и еден од Твоите најревни следбеници. Сите ќе Те напуштат". При таа помисла целото Христово битие се гнасело од таа помисла. Помислата дека со заговорот на сатаната ќе се соединат дури и оние за чие спасение се залагал, кои толку ги љубел, Му го скршила срцето. Борбата била ужасна. Нејзината големина можела да се мери со тежината на гревот на Неговиот народ, Неговите тужители и Неговиот предавник, со вината на светот кој бил обземен со зло. Товарот на човечките гревови тешко тежеле врз Христа, а свеста за Божјиот гнев против гревот го разорувала Неговиот живот. {КВ 687.1}

Набљудувајте Го како размислува за цената која треба да ја плати за човечката душа. Во Својата агонија Тој се прилепил за студената почва, како таа да може да го спречи уште повеќе да не се оддалечи од Бога. На Неговото соборено тело паѓала студена ноќна роса, но Тој не обрнувал внимание на тоа. Од Неговите бледи усни се оттргнал горкиот извик: „Татко Мој, ако е можно, нека Ме одмине оваа чаша". Меѓутоа, дури и сега додал: „Но нека не биде Мојата, туку Твојата волја". {КВ 687.2}

Човечкото срце кое страда, копнее по сочувство. Христос го почувствувал овој копнеж во длабочината на Своето битие. Во Својата најголема душевна болка, Тој им пристапил на Своите ученици, копнеејќи да слушне некој збор на утеха од оние кои толку често ги благословувал и тешел, на кои им давал заштита кога биле тажни и во јад. Оној, Кој секогаш имал за нив зборови на сочувство, сега страдал со натчовечка агонија и копнеел по тоа тие да се молат за Него и за себе. Колку страшна била злобата на гревот! Ужасно било искушението да се остави човечкиот род сам да ги сноси последиците од својата вина, а Тој да остане чист пред Бога. Кога би можел да види дека барем Неговите ученици го разбираат и го ценат тоа, тоа би Го зајакнало. {КВ 687.3}

Подигајќи се со болен напор, Тој дошол до местото каде што ги оставил Своите придружници, но „ги нашол како спијат". Кога би ги нашол како се молат, би Му олеснило. Кога би барале засолниште во Бога, за да не ги совлада сатаната со својата сила, нивната постојаност во верата би Му овозможила утеха. Меѓутоа, тие не ја послушале Неговата повторена опомена: „Бдејте и молете се". На почетокот биле загрижени кога го виделе својот Учител, Кој вообичаено бил толку мирен и достоинствен, како се бори со тага, која им била несфатлива. Се молеле кога ги слушнале Неговите болни извици. Немале намера да го напуштат својот Господ, но биле парализирани од тапоста која можеле да ја отфрлат, доколку продолжиле да Му се

молат на Бога. Не ја сфатиле неопходноста од стражарење и од понизна молитва, за да им се спротивстават на искушенијата. {КВ 688.1}

Истата таа ноќ додека се приближувале кон градината, Исус им рекол на учениците: „Сите вие ќе се соблазните заради Мене оваа ноќ". Тие му дале најсилни уверувања дека се подготвени да појдат со Него во затвор и во смрт. Кутриот, самодоволен Петар додал: „И ако сите се соблазнат, Сепак јас нема да се соблазнам". (Марко 14:27,29) Но, наместо во молитва да го бараат моќниот Помошник, како што ги советувал Христос, учениците имале премногу самодоверба. Така, кога на Спасителот му биле најпотребни нивните сочувства и молитви, Тој ги нашол како спијат. Дури и Петар спиел. {КВ 688.2}

И Јован, саканиот ученик кој таа вечер се потпирал на Христовите гради, исто така спиел. Навистина требало љубовта кон својот Учител да го одржи буден. Требало своите срдечни молитви да ги придружи кон молитвите на својот сакан Спасител, во моментот на Неговата најголема тага. Откупителот толку често поминувал цели ноќи во молитва за Своите ученици, за да не се поколеба нивната вера. Кога Исус сега би им го поставил прашањето на Јаков и Јован што еднаш им го поставил: „Можете ли да ја пиете чашата што ја пијам Јас и да се крстите со крштевањето со кое се крштевам Јас?" тие не би се осмелиле да одговорат: „Можеме". (Матеј 20:22) {КВ 689.1}

Исусовиот глас ги разбудил учениците, но тие едвај Го препознале, бидејќи болката го изменила Неговото лице. Обраќајќи му се на Петар, Исус рекол: „Симоне, спиеш? Зар не можеше да бдееш еден час? Бдејте и молете се за да не паднете во искушение. Духот навистина е бодар, но телото е слабо". Слабоста на учениците разбудила кај Исуса сожалување. Се плашел дека нема да бидат во состојба да ја издржат пробата што ќе ги снајде при Неговото предавање и смрт. Не ги укорил, туку рекол: „Бдејте и молете се за да не паднете во искушение". Дури и во Својата страшна агонија се трудел да најде оправдување за човечката слабост. „Духот навистина е бодар, но телото е слабо," рекол Тој. {КВ 689.2}

Повторно Божјиот Син го обземала натчовечка агонија, па изнемоштен и исцрпен, тетеревајќи се повторно се вратил на местото на Својата поранешна борба. Неговите страдања сега станале уште посилни отколку порано. Додека така се борел во душата, „потта му стана како големи капки крв што паѓаа на земја". Чемпресите и палмите биле неми сведоци на Неговата болка. Од нивните лиснати гранки паѓала крупна роса врз Неговото исцрпено тело како природата да Го оплакувала својот Творец, Кој сам се борел со силите на темнината. {КВ 689.3}

Малку пред тоа, Исус стоел како еден силен кедар, спротивставувајќи и се на бурата од нападите на разбеснетите противници. Упорно и со срце полно со злоба и подлост, тие попусто се труделе да Го збунат и совладаат. Стоел во божествено величество како Божји Син. Сега бил како трска која е шибана и свиткувана од жестоките налети на бурата. Се приближувал кон крајот на Своето дело како Победник, бидејќи на секој чекор стекнувал победа над силите на темнината. Како Оној, Кој веќе е прославен, Тој тврдел дека е едно со Бога. Неговиот глас не треперел кога издигнувал фалбоспеви. На Своите ученици им кажувал зборови на охрабрување и нежност. Сега дошол часот на силите на темнината. Сега во тивкото ветерче на ноќта можел да се препознае Неговиот глас, но не со триумфален призвук, туку полн со човечка агонија. До ушите на сонливите ученици допреле зборовите на Спасителот: „Татко Мој, ако не е можно да Ме одмине оваа чаша, а да не ја пијам, тогаш нека биде Твојата волја". {КВ 689.4}

Првиот нагон на учениците бил да тргнат со Него, но Тој им рекол да останат тука, да стражарат и да се молат. Кога им се приближил, ги нашол како сè уште спијат.

Повторно почувствувал копнеж да биде со нив, да чуе некои нивни зборови што би му донеле олеснување и би ја растерале темнината која речиси го совладала. Но нивните очи отежнале и „не знаеја што да Му одговорат”. Неговото присуство ги разбудило. Гледајќи го Неговото лице облеано со крвава пот на душевна мака, многу се исплашиле. Не можеле да ја сфатат Неговата душевна болка. „Неговиот лик беше толку обезличен, повеќе отколку на кој било друг човек и Неговиот облик повеќе од тој на синовите човечки”. (Исаија 52:14) {КВ 690.1}

Свртувајќи се, Исус повторно го побарал Своето тивко место и паднал ничкум на земја, совладан од ужасот на густата темнина. Човечката природа на Божјиот Син затреперила во тој час на проба. Сега Тој веќе не се молел за Своите ученици да не се расколеба нивната вера, туку за Својата искушана и измачена душа. Настапил страшниот момент момент во кој се решавала судбината на светот. Судбината на човечкиот род треперела на мерилата. Христос дури и овде, и сега можел да одбие да ја испие чашата наменета на грешниот човек. Сè уште не било предоцна. Можел да ја избрише крвавата пот од Своето чело и да дозволи човекот да пропадне во своето беззаконие. Можел да каже: „Престапникот нека ја прими казната за својот грев, а Јас ќе се вратам кај Својот Татко”. Дали Божјиот Син ќе ја испие горчливата чаша на понижување и агонија? Дали Невиниот ќе ги прими на Себе последиците од проклетството на гревот за да ги спаси виновните? Од бледите и треперливи усни биле изговорени зборовите: „Татко Мој, ако не е можно да Ме одмине оваа чаша, а да не ја пијам, тогаш нека биде Твојата волја”. {КВ 690.2}

Три пати ја изговорил оваа молитва. Три пати човечката природа се набрала пред таа последна, највозвишена жртва. Сега, пред Откупителот на светот се покажала историјата на човечкиот род. Видел дека кога престапниците на законот би биле препуштени сами на себе, би морале да пропаднат. Ја видел човечката беспомошност и силата на гревот. Пред него се појавувале несреќите и тажењето на осуденият свет. Гледајќи ја претстојната судбина на светот, Тој ја донел Својата одлука. Тој ќе го спаси човечкиот род по секоја цена за Него. Го прифатил крштевањето со крв, за преку него милиони луѓе кои пропаѓаат, да стекнат вечен живот. Ги напуштил небесните дворови, каде што владее чистота, среќа и слава, за да спаси една загубена овца, еден свет, кој паднал поради престапот. Затоа нема да се откаже од Својата мисија. Ќе стане жртва на помирување за да го спаси родот кој самоволно го прифатил гревот. Сега Неговата молитва покажува само покорност: „Ако не е можно да Ме одмине оваа чаша, а да не ја пијам, тогаш нека биде Твојата волја”. {КВ 690.3}

Бидејќи донел одлука, паднал како мртов на земјата од која делумно бил подигнат. Каде се сега Неговите ученици со своите раце нежно да Му ја придржат главата на Својот изнемоштен Учител и да го избришат тоа чело, кое навистина било изобличено повеќе од тоа на синовите човечки? Спасителот сам морал да гази во кацата и никој не бил со Него. {КВ 693.1}

Меѓутоа, Бог страдал заедно со Својот Син. Ангелите ги набљудувале Спасителовите смртни маки. Го виделе својот Господ опкружен со легиони сатански сили; Неговата природа обземена од некој наежувачки, таинствен страв. Небото молчело. Не затреперила ниту една жица на ангелските харфи. Кога смртните луѓе би можеле да го видат чудењето на ангелските војски, кога во нема болка набљудувале како Таткото ги повлекува Своите зраци на светлина, љубов и слава од Својот сакан Син, тие подобро би сфатиле колку на Бога му е одвратен гревот. {КВ 693.2}

Жителите на безгрешните светови и небесните ангели со најголемо внимание следеле како оваа борба се ближи кон својот крај. Сатаната и сите негови сојузници во злото, отпаднатите легиони, внимателно ја гледале оваа голема криза во делото на откупување. Силите на доброто и злото чекале да видат каков ќе биде одговорот на трипати повторената Христова молитва. Ангелите копнееле да ги олеснат страдањата на Исуса, но тоа не им било дозволено. Не постоел никаков начин Божјиот Син да го одмине оваа чаша. Во таа страшна криза, кога сè било во прашање, кога таинствената чаша треперела во рацете на Страдалникот, небото се отворило и сноп блескава светлина се пробила низ бурната темнина во тој критичен момент и пред Христа застанал силен ангел, кој стои во Божјо присуство и кој ја зазел положбата од која паднал сатаната. Ангелот не дошол да ја земе чашата од Христовата рака, туку да Го охрабри да ја испие, уверувајќи Го во љубовта на Таткото. Дошол да му подари сила на божествено-човечкиот Молител. Му го покажал отвореното небо, зборувајќи му за душите што ќе бидат спасени со Неговите страдања. Го уверувал дека Неговиот Татко е поголем и помоќен од сатаната и дека царството на овој свет ќе им биде дадено на светците на Севишниот. Му рекол дека ќе го види трудот на Својата душа и ќе биде задоволен, зашто ќе види мноштво од човечката раса спасени, вечно спасени. {КВ 693.3}

Христовата агонија не престанала, но исчезнала Неговата потиштеност и обесхрабреност. Бурата не стивнала, но Оној, Кој бил нејзина мета, бил охрабрен да се спротивстави на нејзиниот бес. Од Својата борба излегол мирен и спокоен. На Неговото со крв испрскано лице почивал небесен мир. Го поднел она што ниту едно човечко суштество не би можело никогаш да го поднесе, бидејќи ги искусил претсмртните страдања за секој човек. {КВ 694.1}

Светлината што го осветлила Спасителот ненадејно ги разбудила од сон заспаните ученици. Го виделе ангелот наведнат над нивниот Учител, Кој лежел на земјата. Виделе како ја подига Христовата глава на своите гради, насочувајќи го Неговиот поглед кон небото. Го слушнале неговиот глас, кој прилегал на најслатка музика, како изговара зборови на утеха и надеж. Учениците се сетиле на сцената на гората на преобразување. Се сетиле на славата која во храмот го опкружила Исуса и на Божјиот глас кој се слушнал од облаците. Сега повторно се открила истата слава и тие веќе не стравувале за својот Учител. Тој бил под Божја грижа и еден моќен ангел бил испратен да Го заштити. Повторно учениците во својата измореност се предале на таа чудна тапост што ги совладала, па Исус повторно ги нашол како спијат. {КВ 694.2}

Гледајќи ги со болка и тага, Тој рекол: „Спијте сега и почивајте; еве се приближи часот и Синот човечки се предава во рацете на грешниците”. {КВ 694.3}

Уште додека ги изговарал овие зборови, ги слушнал чекорите на толпата што Го барала, па продолжил: „Станете да одиме; ете, наближи оној што Ме предава”. {КВ 694.4}

Кога Исус истапил да го сретне Својот предавник, на Него веќе не се гледала ниту трага од агонијата што ја преживеал пред неколку моменти. Стоејќи пред Своите ученици, Тој прашал: „Кого го барате?“ Тие одговорија: „Исуса од Назарет”. Исус одговорил: „Јас сум”. Кога биле изговорени тие зборови, ангелот кој пред малку време му служел на Исуса, истапил меѓу Него и толпата. Божествена светлина го осветлила лицето на Спасителот и над Него се надвила сенка во облик на гулаб. Крвожедното мноштво не издржало ниту миг во присуство на таа божествена слава. Тие затетеравено

се повлекле. Свештениците, старешините, војниците, па дури и Јуда, паднале како мртви на земјата. {КВ 694.5}

Ангелот се повлекол и светлината полека исчезнала. Исус имал можност да побегне, но останал, мирен и присебен. Стоел прославен сред тие закоравени луѓе, кои немоќно лежеле пред Исусовите нозе. Учениците набљудувале занемени од чудење и стравопочит. {КВ 694.6}

Меѓутоа, сцената брзо се изменила. Толпата почнала да станува. Римските војници, свештениците и Јуда се собрале околу Исуса. Изгледало како да се засрамени од својата слабост и исплашени да не им побегне. Откупителот повторно го поставил прашањето: "Кого го барате?" Тие луѓе имале очигледен доказ дека Оној што стои пред нив е Божји Син, но не сакале да го прифатат тоа. На прашањето: „Кого го барате?," тие повторно одговориле: „Исус од Назарет". Тогаш Спасителот рекол" „Ви кажав дека сум Јас и така ако ме барате Мене, пуштете ги овие да одат" и покажал кон Своите ученици. Знаејќи колку е слаба нивната вера, настојувал барем тие да бидат поштедени од искушенијата и неволјите. Бил подготвен да се жртвува Себеси заради нив. {КВ 695.1}

Предавникот Јуда не ја заборавил улогата што требало да ја одигра. Кога толпата влегла во градината, тој одел напред, а веднаш по него одел првосвештеникот. На Исусовите прогонувачи им дал знак, велејќи: „Оној што ќе го бакнам, Тој е, држете го". (Матеј 26:48) Сега се однесувал како да нема никаква врска со нив. Приближувајќи се кон Исуса, Го фатил за рака како Близок пријател. Со зборовите: „Здраво, Рави!", Го бакнал неколку пати, преправајќи се дека плаче и сочувствува со Него во Неговата опасност. {КВ 695.2}

Исус му рекол: „Пријателе, зошто дојде?" Гласот болно му треперел, кога додал: „Јуда, зар со бакнеж Го предаваш Синот Човечки?" Овој апел требало да ја разбуди совеста на предавникот и да го трогне неговото тврдо и упорно срце; меѓутоа честа, верноста и човечката нежност исчезнале од неговата душа. Стоел дрско и предизвикувачки, не покажувајќи никаква склоност да попушти. Тој себеси се предал на сатаната и веќе немал сила да му се спротивстави. Исус не одбил да го прими бакнежот од предавникот. {КВ 696.1}

Гледајќи како Јуда го допира лицето кое само неколку мига пред тоа било прославено пред нивните очи, толпата се охрабрила. Го фатиле Исуса и почнале да ги врзуваат тие драгоцени раце, кои секогаш биле ангажирани да прават добро. {КВ 696.2}

Учениците мислеле дека нивниот Учител нема да дозволи да Го совладаат. Истата сила што ги соборила овие луѓе на земја и тие паднале како мртви, можела да ги направи немоќни додека Исус и Неговите следбеници не побегнат. Биле разочарани и огорчени, кога виделе како прогонувачите земаат јажиња за да ги врзат рацете на Оној, Кого тие го љубеле. Во својот гнев, Петар брзоплето го извлекол мечот и се обидел да го одбрани својот Учител, но само успеал да му го пресече увото на слугата на првосвештеникот. Гледајќи што се случило, Исус ги ослободил Своите раце, иако римските војници цврсто го држеле и рекол: „Оставете го тоа". Тогаш го допрел ранетото уво и тоа веднаш оздравело. Тогаш му рекол на Петар: „Врати го својот меч на своето место, зашто сите што се фаќаат за меч, од меч ќе загинат. Зар мислиш дека не можам сега да го замолам Мојот Татко во овој миг да ми испрати повеќе од дванаесет легии ангели?" легија на местото на секој еден од учениците. О, зошто Тој не се спаси себеси и нас? мислеле учениците. Одговарајќи на нивната неискажана мисла, Тој додал: „Но, како би се исполниле писмата, дека ова така треба да биде". „Зар да не ја пијам чашата што ми ја даде Таткото?" {КВ 696.3}

Достоинството на нивната положба не им пречела на еврејските поглавари да се придружат на потерата по Исуса. Неговото апсење било премногу важна работа за да им го доверат на потчинетите. Лукавите свештеници и старешини се приклучиле на чуварите на Храмот и на толпата во следењето на Јуда до Гетсиманија. Какво било тоа друштво за достоинствениците да му се придружат толпа која копнеела по возбуда и била вооружена со секакво оружје, како да гони некој див ѕвер! {КВ 696.4}

Свртувајќи се кон свештениците и старешините, Христос го насочил Својот поглед кој испитува кон нив. Зборовите кои тогаш им ги упатил нема да ги заборават додека се живи. Тие за нив биле како остри стрели на Семоќниот. Со достоинство Тој рекол: „Како на разбојник или крадец сте излегле со ножеви и со копје на Мене. Ден по ден јас поучував во храмот. Имавте секаква можност да ги положите своите раце врз Мене, но ништо не направивте. Ноќта повеќе ви одговара за вашата работа. Но ова е вашиот час и власт на темнината". {КВ 697.1}

Учениците се ужаснале кога виделе дека Исус дозволил да Го фатат и да Го врзат. Биле соблазнети што дозволува така да Го понижуваат и Него и нив. Не можеле да го сфатат Неговото однесување и Го обвинувале што се покорил на толпата. Во таа огорченост и страв, Петар предложил да се спасат. Прифаќајќи го овој предлог, „тие Го оставија и побегнаа". Но Христос го претскажал ова напуштање. „Ете," рекол „доаѓа часот и веќе настапува, за да се разбегате секој на своја страна и да Ме оставите Мене сам; но Сепак Јас не сум сам, зашто Таткото е со Мене". (Јован 16:32) {КВ 697.2}

75. ПРЕД АНА И КАЈАФА

Оваа поглавје е засновано на Матеј 26:57-75; 27:1; Марко 14:53-72; 15:1; Лука 22:54-71; Јован 18:13-27.

Преминувајќи преку потокот Кедрон, низ маслиновите градини и низ стивнатите улици на сонливиот град, тие го побрзувале Исуса. Веќе минало полноќ и извиците на зоврието мноштво кое Го следело се разнесувало низ мирната атмосфера на ноќта. Врзан и строго чуван, Спасителот тешко се движел. Меѓутоа, Неговите поробувачи заедно со Него брзо оделе кон палатата на поранешниот првосвештеник Ана. {КВ 698.1}

Ана бил глава на свештеничкото семејство, кое заземало клучна положба во вршењето на црковните обреди, па народот од почит кон неговата старост го признавал за првосвештеник. Барале негов совет и го прифаќале како Божји глас. Како заробеник на свештеничката власт, Исус прво бил изведен пред него. Тој морал да присуствува при испитувањето на затвореникот, зашто се плашеле дека помалку искусниот Кајафа нема да ја оствари целта на која тие работеле. Овој пат морала да се искористи неговата итрина, лукавост и подлост, бидејќи Христос во секој случај морал да биде осуден. {КВ 698.2}

Официјалното судење на Христа требало да се одржи пред Синедрионот, но Тој бил подложен на претходно испитување кај Ана. Според римските закони, Синедрионот не можел да изврши смртна пресуда. Можеле само да го испитаат затвореникот и да изречат пресуда, која римските власти морале да ја потврдат. Затоа требало да се подигне обвинување против Христа со цел да Го прикажат како злосторник и како таков да биде сметан од Римјаните. Исто така морало да се пронајде вина со која би заслужил осуда и од страна на Евреите. Дури и меѓу свештениците и поглаварите не бил мал

бројот на оние кои биле убедени дека Христовото учење е правилно; само стравот од исклучување од синагогата ги спречувал јавно да Го признаат. Свештениците добро го запомниле прашањето на Никодим: „Зар нашиот закон осудува човек додека најпрво не го сослуша и не дознае што прави?“ (Јован 7:51) Ова прашање за одредено време го поделил Советот и ги осуетило нивните планови. Јосиф од Ариматеја и Никодим намерно не биле повикани, но имало и други кои можеле да се осмелат да зборуваат во корист на правдата. Судењето морало да се води, така што сите членови на Синедрионот ќе се обединат и здружат против Христа. Свештениците настојувале да подигнат две обвинувања против Него. Ако се докаже дека Исус хулел на Бога, ќе Го осудат Евреите. Ако се докаже дека е и бунтовник, ќе се обезбеди осуда и од страна на Римјаните. Ана се обидувал прво да го изнесе ова второ обвинување. Му поставил прашање на Исуса во врска со Неговите ученици и за Неговото учење, со надеж дека затвореникот ќе каже нешто што ќе му даде материјал за понатамошна постапка. Мислел дека од Него ќе извлече некоја изјава, која би ја протолкувал како доказ дека настојувал да основа некое тајно друштво со цел да воспостави едно ново царство. Тогаш свештениците би можеле да го предадат на Римјаните, како човек кој го нарушува мирот и го повикува народот на бунт. {КВ 698.3}

Христос ја читал намерата на свештеникот како отворена книга. Како да ги гледа најтајните желби во душите на испитувачите, негирал дека меѓу Него и Неговите следбеници постои некаков таен сојуз или дека тајно ги собирал и во мрак за да ги прикрие Своите цели или учења. Тој немал никакви тајни во поглед на Своето учење и Своите намери. „Јас отворено му зборував на светот,“ одговорил Тој. „Јас секогаш поучував во синагогата и во храмот, каде што секогаш се собираат Евреите и ништо тајно не зборував”. {КВ 699.1}

Спасителот укажал на разликата помеѓу Својот начин на работа и методите на Своите обвинувачи. Тие со месеци Го прогонувале и се труделе да Го фатат во својата мрежа и да Го изведат пред таен суд, каде што можеле преку криво клеветење да го постигнат она што не можеле да го постигнат на фер начин. Сега ја остварувале таа своја намера. Апсењето на полноќ од страна на едно мноштво насилници, исмевањето, навредувањето и малтретирањето уште пред да биде осуден, па дури и пред да биде подигнато обвинување против Него сето тоа претставувало нивен начин на работа, а не Негов. Нивната постапка претставувала повреда на законот. Со законски прописи кои тие сами ги создале било предвидено кон секој човек да се постапува како да е невин додека не се докаже неговата вина. Свештениците се осудиле себеси дури и со своите сопствени закони. {КВ 699.2}

обраќајќи му се на оној што го испрашувал, Исус рекол: „Зошто ме прашуваш Мене?“ Зар свештениците и поглаварите не испраќале шпиони будно да го следат Неговото движење и да известуваат за секој Негов збор? Зар тие не биле присутни секогаш кога народот би се собрал околу Христа и ги известувале свештениците за сè што зборувал и правел Тој: „Прашај ги оние кои слушнаа што им зборував,“ одговорил Исус; „тие знаат што зборував Јас”. {КВ 699.3}

По овој одлучен одговор Ана бил замолчен. Плашејќи се дека Христос ќе каже нешто во врска со неговите постапки кои сакал да ги прикрие, Тој веќе ништо не му кажал. Еден од Неговите помошници, исполнет со гнев што Ана не можел веќе ништо да каже, Го удрил Исуса по лице и му рекол: „Така ли му одговараш на првосвештеникот?“ {КВ 700.1}

Христос мирно одговорил: „Ако кажав нешто лошо, докажи дека е лошо; а ако кажав добро, зошто Ме удираш?“ Не изговорил никакви лути зборови на одмазда. Неговиот мирен одговор Доаѓал од едно безгрешно, трпеливо и нежно срце, кое не дозволувало да биде предизвикано. {КВ 700.2}

Христос длабоко страдал поради овие навреди и подбивања. Од рацете на суштествата кои Тој ги создал и за кои толку се жртвувал, поднесувал секакви навреди. Неговите страдања биле во сообразност со совршенството на Неговата светост и Неговата омраза кон гревот. Целиот тек на сослушување и истрага од страна на луѓето кои постапувале како демони, за Него претставувало постојано жртвување. За Него било одвратно што бил опкружен од човечки суштества, кои биле целосно под власт на сатаната. Знаел дека во еден момент, со еден блесок на Својата божествена сила, можел да ги претвори Своите свирепи мачители во прав. Тој факт го направил Неговото искушение уште потешко. {КВ 700.3}

Евреите очекувале Месија кој би се открил со видливо манифестирање на сила, кој со еден блесок на Својата надвладувачка волја ќе го измени текот на човечките мисли, принудувајќи ги да ја признаат Неговата надмоќ. На тој начин, Тој, според нивното сфаќање, би го обезбедил Своето издигнување и би ги задоволил нивните амбициозни надежи. Затоа Христос, кога бил третиран со презир, бил во тешко искушение да го покаже Својот божествен карактер. Со еден збор, со еден поглед можел да ги принуди Своите прогонувачи да признаат дека Тој е Господар над царевите и владетелите, свештениците и храмот. Меѓутоа, Неговата тешка задача се состоела во тоа да ја задржи положбата што ја одбрал, кога се изедначил со човечкиот род. {КВ 700.4}

Небесните ангели биле сведоци на секоја постапка преземена против нивниот сакан Заповедник. Со сето срце копнееле да Го ослободат. Под Божја заповед ангелите се семоќни. Покорувајќи се на Христовата заповед, една ноќ ја уништиле асирската војска сто осумдесет и пет илјади луѓе биле мртви. Колку лесно ангелите, набљудувајќи ја срамната сцена на Христовото судење, можеле да го манифестираат своето негодување со уништување на Божјите непријатели! Меѓутоа, ним не им било заповедано да го направат тоа. Оној, Кој можел да ги осуди Своите непријатели на смрт, ја поднесувал нивната свирепост. Љубовта кон Таткото и Неговото ветување дадено уште пред создавањето на човекот, дека ќе стане Носител на Гревот, го навеле без приговор да го поднесува грубиот третман од оние кои дошол да ги спаси. Тоа бил составен дел од Неговата мисија во човечка природа да ги поднесе сите подбивања и злоупотреби со кои луѓето ќе Го опсипат. Единствената надеж за човечкиот род се состоела во тоа Христос мирно да го поднесе сето она што човечките раце и срце можеле да Му направат. {КВ 700.5}

Христос не кажал ништо со што на Своите тужители би им дал можност да Го обвинат, но Сепак бил врзан, како знак дека е осуден. Сепак, морала да се сочува барем надворешната форма на правда. Требало да се одржи легално судење. Овие претставници на власта одлучиле судењето да не се одолговлекува. Знаејќи каков углед ужива кај народот, се плашеле дека ако се разнесе веста дека Тој е уапсен, би бил можен обид за Негово ослободување. Освен тоа, ако судењето и погубувањето не се спроведат веднаш, би морале да ги одложат за седум дена заради празникот Пасха. Со тоа би бил осуетен нивниот план. За да издејствуваат пресуда за Христа, тие зависеле од викотот на мноштвото што претежно го сочинувал џганот од Ерусалим. Ако би дошло до одложување за една седмица, возбудата би се намалила и би дошло до противење. Подобриот дел од народот би застанал во Христова одбрана, многумина би сведочеле

во Негова полза, изнесувајќи ги на виделина силните дела што Тој ги извршил. Тоа би го поттикнало гневот на народот против Синедрионот. Нивните постапки би биле осудени, Исус би бил ослободен и народот би Му укажал поклонение. Затоа свештениците и поглаварите одлучиле да Го предадат во рацете на Римјаните пред да се дознае за нивната намера. {КВ 703.1}

Меѓутоа, тие морале да пронајдат обвинување. До тој момент не успеале ништо да пронајдат. Ана наредил да го одведат Исуса кај Кајафа. Кајафа им припаѓал на садукеите, од кои некои сега биле најлути Исусови непријатели. Самиот тој бил строг, немилосрден, бездушен и безобѕирен како Ана, само што за разлика од него му недостигала сила на карактерот. Тој нема да пропушти ниту едно средство за да Го уништи Исуса. Било рано утро и мошне мрачно; со светлина на факели и фенери вооружената толпа со својот Затвореник се упатила кон дворот на првосвештеникот. Додека членовите на Синедрионот се собирале, Ана и Кајафа повторно го испитувале Исуса, но без успех. {КВ 703.2}

Кога Советот се собрал во судницата, Кајафа го зазел своето место на претседавач. На двете страни се наоѓале судии и луѓе кои особено биле заинтересирани за судењето. Римските војници стоеле на платформата под престолот, пред кој стоел Исус. Кон Него биле насочени погледите на мноштвото. Владеела голема возбуда. Од целото ова мноштво само Тој бил смирен и спокоен. Самата атмосфера што Го опкружувала изгледала како да е исполнета со свето влијание. {КВ 703.3}

Кајафа во Исуса гледал свој ривал. Желноста на народот да Го слуша Спасителот и нивната очигледна подготвеност да Го прифатат Неговото учење предизвикале горчлива завист кај првосвештеникот, меѓутоа, гледајќи го Затвореникот, Кајафа одеднаш почнал да се восхитува на Неговото благородно и достоинствено држење. Над него дошло уверување дека тој Човек е сличен на Бога. Веќе во Следниот момент со презир ја отфрлил таа мисла. Веднаш потоа се слушнал неговиот подбивен и горделив глас, со кој од Исуса барал пред нив да изврши некое од Своите силни чуда. Меѓутоа, тие зборови допреле до Спасителот како да не ги слушнал. Присутните го споредувале возбуденото, злобно држење на Ана и Кајафа со мирното, величествено Исусово држење. Дури и во душите на тоа закоравено мноштво се појавувало прашањето: „Зар овој човек сличен на Бога треба да се осуди како злосторник?“ {КВ 704.1}

Забележувајќи какво влијание преовладува, Кајафа го забрзал судењето. Меѓу Исусовите непријатели дошло до голема збрка. Тие со сите свои сили настојувале да издејствуваат Негова осуда, но не знаеле како да го постигнат тоа. Членовите на Советот биле поделени на фарисеи и садукеи. Меѓу нив постоело огорчено непријателство и судир. Тие не смееле да споменат извесни прашања околу кои не се согласувале, за да не дојде до жолчна расправа. Исус со неколку зборови можел да ги поттикне нивните меѓусебни предрасуди и на тој начин да го сврти нивниот гнев од Себе. Кајафа го знаел тоа и се трудел да избегне поттикнување расправа. Имало многу сведоци кои можеле да потврдат дека Христос ги осудувал свештениците и книжевниците, дека ги нарекувал лицемери и убијци, но не било соодветно да се изнесуваат вакви сведоштва. Во острите расправи со фариseите, садукеите применувале слични изрази. Покрај тоа, таквото сведоштво не би имало никакво влијание на Римјаните, на кои им била одвратна претензијата на фариseите. Исто така, постоеле многу докази дека Исус не ги почитувал еврејските традиции, дека за многу нивни обреди зборувал како да немаат никаква важност. Меѓутоа, меѓу фариseите и садукеите постоеле остри разидувања во поглед на традициите, така што тие сведоштва не би имале никаква вредност во очите на

Римјаните. Христовите непријатели не се осмелувале да Го обвинат за прекршување на саботата, бидејќи истрагата би можела да го открие карактерот на Неговото дело. Доколку чудата што Тој ги извршил во сабота би биле изнесени на светлина, тоа би придонело да се осуетат намерите на свештениците. {КВ 705.1}

Биле поткупени лажни сведоци за да Го обвинат Исуса за поттикнување на бунт и за обид за основање на посебно владеење. Меѓутоа, нивното сведочење се покажало несигурно и контрадикторно. При истрагата ги побивале сопствените тврдења. {КВ 705.2}

На почетокот на Својата служба, Христос рекол: „Урнете го овој храм и за три дни повторно ќе го подигнам". Со сликовит пророчки јазик Тој ја претскажал Својата смрт и воскресение. Дој зборуваше за храмот на Своето тело". (Јован 2:19,21) Евреите буквално ги сфатиле овие зборови како да се однесуваат на Храмот во Ерусалим. Од сето она што го кажал Христос, свештениците не можеле да најдат ништо друго за да го употребат против Него освен ова. Извртувајќи ги тие зборови, тие се надевале дека ќе извлечат некоја корист. Во реизградба и украсување на ерусалимскиот храм учествувале и Римјаните и биле многу горди на тоа. Секое манифестирање на презир кон храмот неминовно морало да предизвика нивно негодување. Во тој поглед против Христа можеле да се согласат и Римјаните и фарисеите и садукеите, бидејќи сите имале длабока почит кон храмот. За таа цел биле пронајдени двајца сведоци чии искази не биле толку противречни како исказите на другите сведоци. Еден од нив, кој бил поткупен да Го обвини Исуса, рекол: „Овој кажа: 'Можам да го урнам Божјиот храм и за три дни пак да го изградам'". На тој начин биле извртени Христовите зборови. Кога тие зборови би биле изнесени онака како што Тој ги изговорил, не би можел да го осуди ниту Синедрионот. Кога Исус би бил само обичен човек, како што тврделе Евреите, во Неговите зборови би можел да се види неразумен, фалбаџиски дух, но тие не би можеле да се претстават како богохулење. Дури и вака, како што ги прикажале лажните сведоци, тие зборови не содржеле ништо што Римјаните би го сметале за злосторство, кое заслужува смртна казна. {КВ 705.3}

Исус трпеливо ги слушал противречните искази. Не изговорил ниту еден збор во Своја одбрана. На крајот, Неговите обвинители биле заплеткани, збунети и избезумени. Судењето не напредувало и изгледало дека заговорот ќе доживее неуспех. Кајафа бил во очај. Останала уште една можност; Христос мора да биде присилен да се осуди Себеси. Првосвештеникот станал од судската столица; лицето му било избезумено од гнев, а неговиот глас и држење јасно покажувале дека кога тоа би било во негова моќ би го уништил Затворениот кој се наоѓал пред него. „Зар ништо не одговараш," извикал, „што сведочат овие против Тебе?" {КВ 706.1}

Исус останал спокоен. „Тој беше угнетуван и мачен, но Сепак не ја отвори Својата уста. Го одведоа како Јагне на колење; како овца, нема пред оние што ја стрижат, но не ја отвори Својата уста". (Исаија 53:7) {КВ 706.2}

Конечно, Кајафа ја подигнал својата десна рака кон небото и се обратил на Исуса со зборови на свечена заклетва: „Те заколнувам со живиот Бог да ни кажеш дали си Ти Христос, Синот Божји?" {КВ 706.3}

На ова барање Исус не можел да не одговори. Имало моменти кога требало да се молчи и моменти кога требало да зборува. Тој не зборувал, сè додека прашањето не Му било непосредно упатено. Знаел дека одговорот на ова прашање сигурно ќе Го однесе во смрт. Меѓутоа, тоа барање го упатил оној кој бил признаен како најголем авторитет на народот и тоа во име на Семоќниот. Христос не можел да пропушти да

покаже должна почит кон законот. И уште повеќе од тоа; било поставено прашање за Неговиот однос со Таткото. Тој јасно морал да го изнесе Својот карактер и Својата мисија. Исус им рекол на Своите ученици: „Секој што ќе Ме признае Мене пред луѓето, ќе го признаам и јас него пред Мојот небесен Татко". (Матеј 10:32) Сега со личен пример ја повторил таа поука. {КВ 706.4}

Секое уво било напрегнато да слушне и сите погледи биле вперени во Неговото лице, кога одговорил: „Ти кажа". Изгледало дека небесна светлина го осветлувала Неговото бледо лице, кога додал: „Но Јас ви кажувам дека отсега ќе го видите Синот Човечки како седи од десната страна на Силата и како Доаѓа на небесните облаци". {КВ 707.1}

За миг низ Неговата човечка природа блеснало Христовото божество. Првосвештеникот се тресел пред проникливиот поглед на Спасителот. Тој поглед како да ги читал неговите скриени мисли и го палел неговото срце. Никогаш во својот подоцнежен живот тој не можел да го заборави тој проникliв поглед на прогонетиот Божји Син. {КВ 707.2}

„Отсега ќе го видите," рекол Исус, „Синот Човечки како седи од десната страна на Силата и како Доаѓа на небесните облаци". Со овие зборови Христос опишал сцена спротивна на онаа што се одигрувала. Тој, Господар на животот и славата, ќе седи од десната страна на Бога. Тој ќе биде судија на сета земја и против Неговата одлука нема да има жалба ниту приговор. Тогаш сето она што е тајно, ќе биде осветлено со светлината од Божјото лице и секому ќе му биде судено според неговите дела. {КВ 707.3}

Христовите зборови го исплашиле првосвештеникот. Помислата дека мртвите ќе воскреснат, дека тогаш сите ќе излезат на суд пред Бога за да примат награда според своите дела, го исполнувала Кајафа со ужасен страв. Тој не сакал да верува дека во иднина ќе му биде изречена пресуда според неговите дела. Пред неговите очи како во некоја панорама поминувале сцените на последниот суд. За момент здогледал ужасна сцена; гробовите ги враќаат мртвите заедно со тајните за кои тој се надевал дека засекогаш ќе останат скриени. За момент почувствувал како да стои пред вечниот Судија, чии очи, кои гледаат сè, ја читаат неговата душа и ги изнесуваат на виделина тајните за кои мислел дека со смртта засекогаш ќе останат погребани. {КВ 708.1}

Таква сцена поминала низ очите на првосвештеникот. Христовите зборови како со нож го проболе тој садукеј. Кајафа го негирал учењето за воскресението, судот и идниот живот. Сега го опфатил сатански гнев. Зар Оној, Кој стоел пред него како затвореник, да ги напаѓа неговите омилени теории? Кинејќи ја својата облека, за народот да го види неговото лажно згрозување, тој барал Затвореникот да се осуди за богохулење без понатамошно судење. „Каква потреба имаме од уште сведоци," рекол, „еве, сега ја чувте Неговата хула. Што мислите?" Сите се согласиле дека заслужува осуда. {КВ 708.2}

Уверувањето измешано со гнев го навело Кајафа да постапи онака како што постапил. Бил бесен на самиот себе што верува на Христовите зборови, но наместо да го раскине своето срце во длабоко чувство за вистината и да признае дека Исус е Месија, тој ја искинал својата првосвештеничка облека во знак на решително противење. Таа постапка имала длабоко значење. Меѓутоа, Кајафа не ја сфаќал нејзината смисла. Со таа постапка, направена за да влијае на судиите да Му изречат смртна пресуда на Христа, првосвештеникот се осудил себеси. Според Божјиот закон, тој се дисквалификувал за свештеничкиот повик. Тој сам на себе си изрекол смртна пресуда. {КВ 708.3}

Првосвештеникот не смеел да ја кине својата облека. Според левитскиот закон, тоа било забрането под закана со смртна казна. Под никакви услови свештеникот не смеел да ја кине својата облека. Кај Евреите постоел обичај да ги кинат своите облеки кога умира некој Близок роднина или пријател, но свештениците не смееле да се придружуваат кон тој обичај. Во врска со тоа, Христос му дал изрична заповед на Мојсеј. (Левит 10:6) {КВ 708.4}

Секој дел од свештеничката облека морал да биде цел и беспрекорен. Таа прекрасна службена облека симболично го претставувала Исуса Христа. На Бога може да му биде угодно само совршенството во облекувањето и држењето, во зборовите и во духот. Тој е свет и Неговата слава и совршенство мораат да се одразат во земната служба. Само совршенството може да ја претставува светоста на небесната служба. Човекот може да го раскине своето срце, манифестирајќи го со тоа својот покајнички и понизен дух. Бог го забележува тоа. Меѓутоа, облеката на свештеникот не смее да се искине, бидејќи тоа би значело на изопачен начин да се прикаже она што е небесно. За прво-свештеникот кој би се осмелил со искината облека да се појави на света должност и да извршува свештеничка служба, се сметало дека со таа своја постапка сам се одвоил од Бога. Кинејќи ја својата облека, тој самиот се лишува од она што му дава карактер на претставник. Бог веќе не го прима како свештеник. Во таквата постапка на Кајафа се покажала човечката страст, човечкото несовршенство. {КВ 709.1}

Кинејќи ја својата облека, Кајафа го обессилил Божјиот закон за да се придржува кон човечките традиции. Со законски прописи кои ги создале луѓето било предвидено во случај на богохулење свештеникот да може да ја искине својата облека, изразувајќи со тоа одвратност кон гревот и заради тоа да не биде виновен. На тој начин со човечките закони е направен неважечки Божјиот закон. {КВ 709.2}

Присутните внимателно ја набљудувале секоја постапка на првосвештеникот, а Кајафа се трудел да ја истакне својата побожност. Меѓутоа, со својата постапка која била обвинение против Христа, тој го навредувал Оној, за Кого Бог рекол: „Во Него е Моето име". (Излез 23:21) Тој самиот хулел на Бога. Наоѓајќи се под Божја осуда, тој Му изрекол пресуда на Христа како Богохулник. {КВ 709.3}

Кога Кајафа ја искинал својата облека, со својата постапка укажал на односот кој еврејскиот народ како целина ќе го има кон Бога. Некогаш благословениот Божји народ се одвоил од Него и брзо станувал народ кого што Јехова веќе не го признавал за свој. Кога Христос на крстот извикал „Се сврши" (Јован 19:30) и кога завесата во храмот се раскинала на два дела, Светиот Стражар изјавил дека еврејскиот народ го отфрлил Оној, Кој претставувал остварување на сите нивни симболи, Кој бил суштина на сите нивни сенки. Израел се одвоил од Бога. Навистина Кајафа тогаш можел да ја искине својата службена облека, која претставувала доказ за неговото тврдење дека е претставник на големиот Првосвештеник; таа облека веќе немала никакво значење ниту за него, ниту за неговиот народ. Навистина првосвештеникот можел да ја искине својата облека, згрозувајќи се над себеси и над народот. {КВ 709.4}

Синедрионот прогласил дека Исус заслужува смрт, меѓутоа да се испитува затвореник ноќе било спротивно на еврејскиот закон. Во судската пресуда сè морало да се извршува на светлината на денот и во присуство на сите членови на Советот. Наспроти сето тоа, кон Спасителот се постапувало како кон осуден злосторник и бил малтретиран од страна на најниските и најзлобните луѓе. Дворот на првосвештеникот бил опкружен со отворено двориште во кое се собрале војниците и мноштвото народ. Низ тој двор Исус бил одведен до просторијата за стражарите, а од сите страни се

слушнало иронично дофрлање на сметка на Неговото тврдење дека е Божји Син. Неговите зборови дека ќе Го видат како „седи од десната страна на Силата“ и „Доаѓа на небесните облаци,“ биле повторувани со нагласена иронија. Додека се наоѓал во стражарницата, чекајќи официјално да му се изрече пресудата, Тој немал никаква заштита. Неуката толпа, гледајќи како кон Него се постапува свирепо пред судиите и поглаварите, си зела за слобода да ги манифестира сите оние сатански елементи кои се наоѓаат во нивната природа. Самата Христова благородност и божествено држење ги доведувала со лудило. Неговата кротост, Неговата невиност и Неговото величествено трпение ги исполнувала со омраза која потекнувала од сатаната. Милоста и правдата биле газени под нозе. Никогаш, ниту кон еден злосторник не се постапувало на толку нехуман начин како кон Божјиот Син. {КВ 710.1}

Меѓутоа, една поостра болка го кинела Исусовото срце ударот кој предизвикал најдлабока болка не можел да биде зададен од раката на некој непријател. Додека бил подложен на бесправно испитување од страна на Кајафа, од Христа, со клетва се откажал еден од Неговите ученици. {КВ 710.2}

Бидејќи го напуштиле својот Учител при апсењето во градината, двајца Негови ученици се осмелиле на извесна далечина да ја следат толпата што го водела Исуса. Тоа биле Петар и Јован. Свештениците го препознале Јован како добро познат Исусов ученик и му дозволиле да влезе во предворјето, надевајќи се дека, кога ќе го види понижувањето на својот Водач, ќе ја презре идејата дека Тој може да биде Божји Син. Јован прозборел во корист на Петар и добил дозвола и за него да влезе. {КВ 710.3}

Во дворот бил запален оган, бидејќи тоа бил најстудениот час во текот на ноќта непосредно пред осамнувањето. Една група се собрала околу огнот и Петар во брзоплета самодоверба го зазел своето место меѓу нив. Тој не сакал да го препознаат како Исусов ученик. Мешајќи се безгрижно со мноштвото присутни, тој се надевал дека ќе го сметаат како еден од оние кои тука Го довеле Исуса. {КВ 710.4}

Меѓутоа, кога светлината го осветлила лицето на Петар, жената која вршела должност на портир испитувачки го погледнала. Таа забележала дека Петар дошол со Јован, ја забележала потиштеноста на неговото лице и помислила дека тој би можел да биде Исусов ученик. Таа била една од слугинките во домот на Кајафа и била љубопитна, па го прашала Петар: „Зар ти не си еден од учениците на овој Човек?“ Петар бил исплашен и збунет; сите присутни веднаш го насочиле својот поглед кон него. Тој се правел дека не ја разбира, но таа била упорна, велејќи им на присутните дека овој човек бил со Исуса. Бидејќи се чувствувал принуден да одговори, Петар гневно рекол: „Жено, јас Не Го познавам”. Тоа било првото одрекување и веднаш запеал петел. О, Петре, колку брзо се засрамил од својот Учител, колку брзо се одрекол од својот Господ! {КВ 710.5}

Апостолот Јован не се трудел да го прикрие фактот дека е Исусов следбеник, кога влегол во судницата. Тој не се мешал со грубото мноштво на оние кои го навредувале неговиот Учител. Нему не му поставувале прашања, бидејќи тој не презел на себе лажен карактер и затоа не предизвикувал никаков сомнеж. Побарал едно скришно катче за да не го свртува на себе вниманието на бесното мноштво, но се трудел да биде што поблизу до Исуса. Од тоа место можел да види и да слушне сè што се случувало на судењето на неговиот Господ. {КВ 711.1}

Петар не сакал луѓето околу него да дознаат кој е тој. Преправајќи се дека е рамнодушен, тој стапил на непријателска почва и со тоа станал лесен плен на искушение. Кога би бил повикан да се бори за својот Учител, тој би бил храбар војник;

но кога на него бил вперен прстот на презир, тој се однесувал како кукавица. Многумина не се притеснуваат активно да се борат за својот Господ, но потсмевот ги наведува да се откажат од својата вера. Дружејќи се со оние кои треба да ги избегнуваат, тие се изложуваат на искушенија. Тие го повикуваат непријателот да ги искушува и наведени се да кажат и да го сторат она што во други околности никогаш не би го направиле. Христовиот ученик, кој во наше време ја прикрива својата вера од страв од страдање или прекор, исто така се откажува од својот Господ, како што го направил тоа Петар во судското предворје. {КВ 712.1}

Петар се правел како да не го интересира судењето на неговиот Учител, но срцето Болно му се стегало кога слушнал свиреп потсмев и кога видел како Го малтретираат. Уште повеќе бил изненаден и гневен што Исус, поднесувајќи го сето тоа, се понижувал Себеси и Своите следбеници. За да ги прикрие своите вистински чувства, се обидел да им се придружи на Исусовите прогонувачи и на нивите непристојни шеги. Меѓутоа, однесувањето не му било природно. Се преправал, но додека се трудел да зборува незаинтересирано, не можел да го прикрие изразот на негодување заради малтретирањето на неговиот Учител. {КВ 712.2}

И по вторпат било свртено вниманието на него и повторно бил обвинет дека е Исусов следбеник. Тогаш под заклетва изјавил: „Не го познавам Човекот". Му била дадена уште една можност. Еден час подоцна, еден од слугите на првосвештеникот, Близок роднина на оној кому Петар му го пресекол увото, го прашал: „Зар не те видов јас во градината со Него?" „Навистина, ти си еден од нив, зошто и ти си Галилеец, а и говорот ти е таков". Тогаш Петар западнал во бес. Христовите ученици се истакнувале со чистотата на јазикот, па Петар, за да го измами човекот што му го поставил прашањето и да го оправда својот преземен карактер, Петар сега се одрекол од својот Учител со клетви и пцуење. Петелот повторно запеал. Кога го слушнал, Петар се сетил на Исусовите зборови: „Пред да запее петел двапати, ти трипати ќе се одречеш од Мене". (Марко 14:13) {КВ 712.3}

Додека понижувачките заклетви уште биле на усните на Петар и додека во ушите сè уште му одекнувало кукурикањето на петелот, Спасителот се свртел од намуртените судии и погледнал директно во својот беден ученик. Во истиот миг и Петар го насочил својот поглед кон Учителот. Во Неговиот благ израз на лицето видел длабоко сожалување и тага, без најмала трага од лутина. {КВ 712.4}

Гледајќи го тоа бледо, измачено лице, тие треперливи усни, тој поглед на сожалување и простување, срцето на Петар било како погодено од стрела. Неговата совест се разбудила. Спомените почнале да оживуваат. Тој се сетил на ветувањето дадено пред само неколку часа дека е подготвен со својот Господ да оди и во затвор и во смрт. Се сетил Колку му било тешко, кога Спасителот во горната соба му рекол дека уште истата ноќ трипати ќе се одрече од Него. Пред само неколку моменти Петар дал изјава дека не го познава Исуса, но сега со длабока тага сфатил Колку Учителот го познавал него и колку точно го прочитал неговото срце, нешто што не му било познато ниту на него самиот. {КВ 713.1}

Спомените навирале врз него како плима. Спасителовата нежност и милост, Неговата љубезност и долготрпеливост, Неговата благост и трпеливост кон учениците кои грешеле на сето тоа тој се сетил. Се сетил на опомената: „Симоне, ете сатаната посака да ве просее како пченица, но Јас се молев за тебе твојата вера да не ослабне". (Лука 22:31,32) Помислата на сопствената неблагодарност, невистина, кривоклетство, го исполнувала со ужас. Уште еднаш погледнал во својот Учител и видел како една

безбожна рака се подига да му удри шлаканица. Не можел веќе да ја издржи таа сцена, па со скршено срце истрчал од судницата. {КВ 713.2}

Побрзал во самотија и во темнината на ноќта, не знаејќи каде оди ниту грижејќи се за тоа. Конечно се нашол во Гетсиманија. Во мислите му оживеала сцената од пред неколку часа. Пред него се покажало измаченото лице на неговиот Господ, извалкано со крвава пот и измачено од душевна болка. Со горко каење се сетил како Исус плачел и доживувал агонија, молејќи во осаменост, додека тие, чија должност била да Му се придружат во тој тежок час, мирно спиеле. Се сетил на Неговата свечена опомена: „Бдејте и молете се на Бога, за да не паднете во искушение". (Матеј 26:41) Во мислите повторно се вратил на судењето. Свеста дека со својата постапка додал најтешко бреме на Спасителовото понижување и тага, претставувала најголемо мачење за неговото срце, кое крварело од болка. На истото место, каде што Исус во душевни маки ја излевал Својата душа пред Таткото, Петар паднал на земјата, посакувајќи да умре. {КВ 713.3}

Петар сам го подготвил патот за својот голем грев со тоа што спиел, тогаш, кога на Христово барање требало да бдее и да се моли. Сите ученици претрпеле голема загуба поради тоа што спиеле во тој критичен момент. Христос знаел низ каква огнена проба ќе поминат. Знаел како сатаната ќе настојува да ги парализира нивните сетила, така што нема да бидат подготвени за пробата. Заради тоа им упатил опомена. Кога тие часови во градината би ги поминал во бдеење и молитва, Петар не би бил оставен да се потпира на својата слаба човечка сила. Тој не би се откажал од својот Господ. Кога учениците би бдееле со Христа во Неговите душевни страдања, тие би биле подготвени да ја издржат сцената на Неговото страдање на крстот. Тогаш, до одреден степен би ја сфатиле природата на Неговите совладувачки (натчовечки) страдања. Би биле во состојба да се сетат на Неговите зборови со кои го претскажувал Своето страдање, Својата смрт и Своето воскресение. Сред темнината на најголемата проба, би се појавил зрак на надеж, кој би ја осветлил нивната темнина и би ја зајакнал нивната вера. {КВ 713.4}

Кога осамнало, Синедрионот повторно се собрал и Исус повторно бил доведен во судницата. Зборовите со кои Тој се прогласил за Божји Син, биле употребени како обвинение против Него. Меѓутоа, тие не можеле да го осудат врз основа на тоа, бидејќи многумина од нив не биле присутни на ноќното заседание, па не ги слушнале Неговите зборови. Знаеле дека и римскиот суд нема да најде ништо во тие зборови со што Исус би заслужил смртна казна. Меѓутоа, кога би можеле да Го наведат да ги повтори Своите зборови пред сите, тврдењето дека е Месија би можеле да го протолкуваат како бунтовно политичко тврдење. {КВ 714.1}

„Дали си ти Христос," велеле тие, „кажи ни". Но Христос молчел. Продолжиле да Му поставуваат прашања. Конечно, со глас полн со тага одговорил: „Ако ви кажам, нема да ми верувате. Ако ве прашам, нема да ми одговорите ниту ќе ме пуштите". Но за да немаат никаков изговор, ја додал следнава свечена опомена: „Отсега Синот Човечки ќе седи од десната страна на Божјата сила". {КВ 714.2}

„Дали си ти тогаш Божји Син?" го прашале едногласно. Им рекол: „Вие велите дека сум Јас". Повикале: „Зар ни е потребно друго сведоштво? Сами чувме од Неговата уста". {КВ 714.3}

Така, по третпат осуден од страна на еврејските власти, Исус требало да умре. Според нивното мислење, сето она што било неопходно сега и Римјаните да ја потврдат оваа пресуда и да им Го предадат во нивните раце. {КВ 714.4}

Тогаш и по третпат почнало малтретирањето и исмејувањето, полошо дури и од она што го претрпел од неукиот џган. Меѓутоа, сега сѐ се случувало пред очите на свештениците и поглаварите и тоа со нивно одобрување. Од нивното срце исчезнало секакво чувство за сочувство и човечност. Бидејќи нивните аргументи биле премногу слаби за да го замолчат Неговиот глас, тие имале друго оружје, истото она, кое со векови наназад било користено за да се замолчат еретиците страдања, насилство и смрт. {КВ 714.5}

Кога било изречено осудување на Исуса од страна на судиите, луѓето ги обзел сатански бес. Рикањето на гласовите било како гласови на диви ѕверови. Мноштвото налетало кон Исуса велејќи: „Тој е виновен, треба да се убие!“ Да не биле римските војници, Исус не би дочекал жив да биде распнат на Голгота. Би го раскинале на парчиња пред судиите да не се вмешала римската власт и со оружје да го задржи насилството на мноштвото. {КВ 715.1}

Таквото сурово постапување со човекот чија вина не била докажана предизвикало гнев и кај незнабошците. Нивните офицери изјавиле дека Евреите, донесувајќи осуда над Исуса, оделе против римската власт и дека осудувањето на смрт на еден човек само врз основа на сопственото сведоштво не е во согласност дури и со еврејскиот закон. Оваа интервенција довела до моментален застој во постапката, но еврејските водачи биле мртви, како за сожалување, така и за срам. {КВ 715.2}

Свештениците и поглаварите, заборавајќи на достоинството на својот повик, го малтретирале Божјиот Син со гнасни зборови. Се подбивале на Неговото потекло. Тие објавиле дека поради Неговото дрско тврдење дека е Месија, заслужува најсрамна смрт. Во срамното малтретирање на Спасителот биле вклучени најразвратни луѓе. Преку главата му била фрлена стара облека и Неговите прогонувачи Го удирале по лицето, зборувајќи: „Проречи ни Христе, кој те удри?“ Кога Му ја симнале облеката од главата, еден сирот бедник Го плукнал во лице. {КВ 715.3}

Божјите ангели верно го бележеле секој навредлив поглед, збор и постапка против нивниот сакан Заповедник. Еден ден тие ниски, расипани луѓе кои Му се подбивале на Христа и плукале на Неговото бледо и мирно лице, ќе го гледаат тоа лице во сета Негова слава, која ќе блеска посилно од сонцето. {КВ 715.4}

76. ЈУДА

Историјата на Јуда го прикажува жалниот крај на еден живот кој можел да биде почитуван во Божјите очи. Кога би умрел пред своето последно патување во Ерусалим, Јуда би бил сметан за човек кој бил достоен за место меѓу дванаесетминатa и за оној кој зад себе би оставил голема празнина. Одвратноста со која луѓето со векови гледале на него не би постоела, кога не би биле особините што се откриле на крајот на неговиот живот. Меѓутоа, неговиот карактер му бил откриен на светот со одредена цел. Тоа требало да послужи како опомена за сите оние кои би ја изневериле светата доверба, како што направил тој. {КВ 716.1}

Непосредно пред Пасха, Јуда го обновил својот договор со свештениците да им го предаде Исуса во нивни раце. Тогаш било договорено Спасителот да биде уапсен на некое од местата каде што заминувал да се моли и да размислува. По гозбата во домот на Симон, Јуда имал можност да размисли за делото кое се заветил да го изврши, но

Сепак не ја променил својата намера. За триесет сребреници а тоа била цена за еден роб тој го предал Господ на славата на срам и смрт. {КВ 716.2}

Според својата природа Јуда бил голем сребролубец, но не бил секогаш толку расипан за да направи едно такво дело. Го негувал во себе тој зол дух на алчност, додека тој не станал владејачко начело во неговиот живот. Љубовта кон сатаната била посилна од љубовта кон Христа. Станувајќи роб на еден таков порок, тој му се предал на сатаната, за потполно да го воведе во гревот. {КВ 716.3}

Јуда им се придружил на учениците, тогаш, кога народот веќе масовно одел по Христа. Додека како маѓепсани ги слушале Христовите зборови во синагогата, на брегот на езерото или на гората, Неговите поуки ги раздвижувале нивните срца. Јуда видел како болните, хромите и слепите Доаѓале кај Исуса. Видел како оние на смртна постела ги подига на своите нозе. Бил очевидец, кога Спасителот со силата на Својата Реч ги исцелувал болните, ги истерувал демоните и ги воскреснувал мртвите. Лично го почувствувал доказот на Христовата сила. Бил осведочен дека Христовото учење е повозвишено од сè што слушнал порано. Го засакал големиот Учител и сакал да биде со Него. Чувствувал желба да се промени во карактерот и животот и се надевал дека благодарение на врската со Исуса ќе успее да го оствари тоа. Спасителот не го отфрлил Јуда. Му дал место меѓу дванаесетминатa. Му доверил да го извршува делото на евангелист. Го обдарил со сила да ги исцелува болните и да ги истерува ѓаволите. Меѓутоа, Јуда не дошол до точка целосно да му се предаде на Христа. Не се откажал од своите световни амбиции и од љубовта кон парите. Ја прифатил положбата на Христов служител, но не дозволувал да го преобрази божествената сила. Сметал дека може да ги задржи своите сопствени судови и мислења и негувал склоност да ги критикува и обвинува другите. {КВ 716.4}

Јуда бил високо ценет од страна на учениците и тој имал големо влијание врз нив. Самиот тој имал високо мислење за своите способности и на своите браќа гледал како на многу поинфериорни од него во поглед на расудувањето и способностите. Мислел дека тие не ги гледале своите можности и не ја користеле предноста на околностите. Според неговото мислење, црквата нема никогаш да напредува со толку кратковиди луѓе како водачи. Петар бил избувлив и делувал без размислување. Јован, кој како драгоценост ги чувал вистините кои паѓале од Исусовите усни, според мислењето на Јуда, бил слаб финансиер. Матеј, воспитан да биде точен во сè, многу внимавал на чесноста и секогаш размислувал за Христовите зборови и бил толку обземен со нив, па според мислењето на Јуда, бил неспособен за каква било остроумна и далекусежна работа. Така Јуда ги резимирал сите ученици, па си ласкал себеси дека црквата често би се нашла во тешка и непријатна ситуација, кога не би била неговата способност за вешто управување. Јуда се сметал себеси за толку способен човек, што никој не можел да го надитри. Според неговото мислење тој претставувал чест за делото и секогаш се прикажувал како таков. {КВ 717.1}

Јуда бил слеп за сопствените слабости, па Христос го поставил на положба каде што имал можност да ги воочи и да ги поправи. Како благајник на Христовите ученици, тој бил повикан да се грижи за потребите на таа мала група ученици и да ги ублажува потребите на сиромашните во нивната неволја. Кога на Пасха, во горната соба Исус му рекол: „Што мислиш да правиш, прави побргу“ (Јован 13:27), учениците мислеле дека Тој му заповедал да купи нешто за празникот или да им подели нешто на сиромашните. Служејќи им на другите, Јуда можел да развие дух на несебичност. Меѓутоа, иако секој ден ги слушал Христовите поуки и бил сведок на Неговиот несебичен живот, Јуда им

попуштал на своите себични склоности. Скромните парични приходи кои Доаѓале во негови раце претставувале постојано искушение за него. Често, кога ќе направел некоја мала услуга за Христа или ќе посветил дел од своето време за верски цели, се исплаќал себеси од тој скромен фонд. Во Неговите очи, тие изговори биле доволни да ги оправдаат неговите постапки, но во Божји очи тој бил крадец. {КВ 717.2}

На Јуда не му се допаѓале често повторуваните Христови тврдења дека Неговото царство не е од овој свет. Тој испланирал една програма на работа и очекувал Христос да постапува според неа. Според неговите планови, Јован Крстителот требало да биде ослободен од затвор. Но ете, Јован бил погубен. А Исус, наместо да го потврди Своето царско право и да ја одмазди Јовановата смрт, се повлекол со Своите ученици во едно место во внатрешноста. Јуда посакувал една поодлучна борба. Мислел дека делото би било поуспешно, кога Исус не би ги спречувал учениците во остварување на нивните замисли. Забележал дека непријателството на еврејските водачи станува сè посилно и видел дека Христос не одговорил на нивниот предизвик, кога од Него побарале знак од небото. Го отворил своето срце за неверие, а непријателот му влевал мисли на сомнеж и бунт. Зошто Исус толку се задржува на она што обесхрабрува? Зошто Себеси и на Своите ученици им претскажува неволји и прогонства? Јуда му пристапил на Христовото дело воден од изгледите за висока положба во новото царство. Зар неговите надежи ќе бидат разочарани? Јуда не дошол до некое одредено сознание дека Исус не е Божји Син, но почнал да се сомнева и да бара некакво објаснување за Неговите силни дела. {КВ 718.1}

Без оглед на учењето на Спасителот, Јуда постојано ја истакнувал идејата дека Христос ќе владее како цар во Ерусалим. Тој се обидел тоа да го оствари тогаш, кога Христос со пет леба нахранил пет илјади луѓе. Во таа прилика Јуда помагал храната да се раздели на гладното мноштво. Имал можност да ги види благодетите што се кријат во неговата моќ да им ги дава на другите. Почувствувал задоволство кое секогаш се искусува во Божјата служба. Помагал болните и страдалниците од мноштвото собрани луѓе да се доведат кај Христа. Видел колкаво олеснување, колкава радост и среќа на човечкото срце донесува Христовата исцелувачка сила. Можел да ги сфати Христовите методи. Меѓутоа, Јуда бил заслепен од сопствените себични желби. Тој прв се обидел да го искористи воодушевувањето предизвикано од чудото со лебовите. Тој бил оној, кој ја поттикнал замислата Христос на сила да се прогласи за цар. Неговите надежи биле големи, но неговото разочарување било горчливо. {КВ 718.2}

Христовиот јавен говор во синагогата во врска со лебот на животот, била пресвртница во историјата на Јуда. Тој ги слушнал зборовите: „Ако не го јадете телото на Синот Човечки и ако не ја пиете Неговата крв, нема да имате живот во себе”. (Јован 6:53) Сфатил дека Исус не нуди земни, туку духовни благодети. Сметајќи се за далекусежен, заклучил дека Исус никогаш нема да дојде до чест и дека нема да може да обезбеди високи позиции за Своите следбеници. Затоа одлучил да не се врзува многу за Христа, за да не може да се повлече. Одлучил да внимава. Така и направил. {КВ 719.1}

Од време на време давал израз на сомневањата кои создавале збрка кај учениците. Воведувал расправи и завидливи мислења, повторувајќи ги доказите кои книжевниците и фарисиете ги изнесувале против Христовите тврдења. Сите мали и големи неволји, тешкотии и привидни препреки кон напредокот на евангелието, Јуда ги толкувал како доказ против неговата вистинитост. Истакнувал од Светото Писмо текстови што немале никаква врска со вистините кои Христос ги презентирал. Овие

текстови, издвоени од целината на својот контекст, создавале кај учениците забуна и ја зголемувале малодушноста која постојано ги притискала. Меѓутоа, Јуда го правел сето ова на таков начин што изгледало дека тој бил совесен човек. И додека учениците барале докази што ќе ги потврдат зборовите на големиот Учител, Јуда речиси незабележано ги водел на друг пат. Така, на многу религиозен и привидно совесен начин, Јуда ги прикажувал вистините во поинаква светлина од онаа во која Христос ги изнел и на Неговите зборови им припишувал значење какво што Тој не им дал. Со своите навестувања постојано поттикнувал амбиции за земни почести, одвојувајќи го на тој начин вниманието на учениците од она за што требало да размислуваат. Препирањата за тоа кој треба да биде најголем, обично ги започнувал и поттикнувал Јуда. {КВ 719.2}

Кога Исус му ги изложил на богатиот младич условите под кои би можел да стане Негов ученик, Јуда бил незадоволен. Сметал дека е направена грешка. Кога такви луѓе би им пристапиле на верниците, би помогнале во поддржувањето на Христовото дело. Јуда сметал дека би можел да предложи многу планови за напредок на малата црква, кога би го прифатиле за советник. Неговите начела и методи по нешто би се разликувале од Христовите, но тој сметал дека во тој поглед е помудар од Христа. {КВ 719.3}

Во сè што Христос им зборувал на Своите ученици имало нешто со што во своето срце Јуда не се согласувал. Под негово влијание квасецот на незадоволство брзо делувал. Учениците не ја забележувале вистинската причина за тоа, но Исус видел дека сатаната ги пренесува на Јуда своите особини и со тоа отвора пат низ кој може да влијае и на другите ученици. Тоа го кажал и Христос во Својата изјава дадена една година пред предавството. „Нели ве избрав дванаесетмина,“ рекол Тој, „но еден од вас е ѓавол?“ (Јован 6:70) {КВ 720.1}

Сепак Јуда не се противел отворено, ниту изгледало дека се сомнева во поуките на Спасителот. Не мрморел отворено, сè до мигот на гозбата во куќата на Симон. Кога Марија ги помазала нозете на Спасителот, Јуда го открил својот алчен дух. Кога Исус го укорил, тој бил длабоко огорчен. Ранетата гордост и копнежот за одмазда ги срушиле сите прегради и со него целосно завладеал порокот на кој толку долго му попуштал. Такво ќе биде искуството на секој што истрајува во игра со гревот. Елементите на изопаченост на кои човекот не се спротивставува и кои не ги совладува подлежат на искушение на сатаната и тој по својата волја ја поробува душата. {КВ 720.2}

Меѓутоа, Јуда не закоравил потполно. Дури и откако двапати се обврзал дека ќе го предаде Спасителот, сè уште имал можност да се покае. На Пасхалната вечера Исус ја докажал Својата божествена природа откривајќи ја намерата на предавникот. Нежно го вклучил и Јуда во службата што ја извршил за учениците. Меѓутоа, овој последен повик на љубов останал без одговор. Тогаш случајот на Јуда конечно бил одлучен и нозете кои Исус ги измил, отишле да го извршат предавничкото дело. {КВ 720.3}

Според мислењето на Јуда, ако Исус требало да биде распнат, тогаш тоа морало да се случи. Со неговата предавничка постапка нема ништо да се промени. Доколку Исус не требало да умре, тоа само би Го принудило да се ослободи. Во секој случај, Јуда би добил нешто со ова свое предавство. Тој сметал дека со предавството на својот Учител успеал да направи добар пазар. {КВ 720.4}

Сепак, Јуда не верувал дека Христос ќе дозволи да Го уапсат. Со своето предавство сакал да му даде поука на Христа. Имал намера да одигра улога со која ќе го натера Спасителот да покаже повеќе почит кон него. Меѓутоа, Јуда не знаел дека го испраќа

Христа во смрт. Колку пати книжевниците и фарисеите биле восхитени од Неговите впечатливи илустрации, кога ги учел во параболи! Колку пати тие си изрекувале пресуда сами на себе! Често, кога вистината ги осведочила нивните срца, тие полни со гнев подигале камења за да ги фрлат на Него, но Тој секогаш ги избегнувал. „Бидејќи избегнал толку стапици,“ мислел Јуда, „сигурно, ниту сега нема да дозволи да Го фатат”. {КВ 720.5}

Јуда одлучил да го провери тоа. Ако Исус навистина е Месијата, народот за кој толку многу направил, ќе се собере околу Него и ќе Го прогласи за цар. Тоа засекогаш би убедило многу умови, кои сега се наоѓаат во неизвесност. На Јуда би му се припишувале заслугите што го довел царот на Давидовиот престол. Ова дело би му обезбедило прво место во новото царство, веднаш до Христа. {КВ 721.1}

Со предавството на Исуса, лажниот ученик ја одиграл својата улога. Кога во градината му рекол на водачот на мноштвото: „Оној што ќе го бакнам, тој е, држете го,“ (Матеј 26:48), бил наполно уверен дека Христос ќе се избави од нивните раце. Тогаш, доколку би Го обвинувале за тоа, тој би рекол: „Зар не ви реков цврсто да го држите?“ {КВ 721.2}

Јуда видел како прогонителите, постапувајќи според неговите зборови, цврсто Го врзале Христа. Со чудење гледал како Спасителот дозволува да Го одведат. Загрижено го следел од градината до судењето пред еврејските поглавари. При секое Негово движење очекувал дека Тој ќе ги изненади Своите непријатели, откривајќи се пред нив како Божји Син и осуетувајќи ги нивните заговори и сила. Меѓутоа, како што минувало времето, а Исус ги поднесувал сите малтретирања на кои бил изложен, кај предавникот се појавил ужасен страв дека навистина Го продал својот Учител на смрт. {КВ 721.3}

Како што судењето се приближило кон крајот, измачуван од грижата на совеста, Јуда веќе не можел да издржи. Одеднаш низ судницата се слушнал еден рапав глас, кој ги исполнил со ужас сите срца: „Тој е невин, поштедете Го, о Кајафа!“ {КВ 721.4}

Тогаш сите ја виделе високата силуета на Јуда како се пробива низ зачуденото мноштво. Лицето му било бледо и исплашено, а на челото му се појавиле крупни капки пот. Пробивајќи се до судскиот престол, тој ги фрлил пред првосвештеникот сребрениците кои биле цена за предавството на својот Господ. Цврсто фаќајќи се за облеката на Кајафа, го преколнувал да Го ослободи Исуса, изјавувајќи дека Тој не направил ништо со што би заслужил смрт. Кајафа луто го турнал, но бил збунет и не знаел што да каже. Се открила подмолноста на свештениците. Било јасно дека го поткупиле ученикот за да Го предаде својот Учител. {КВ 721.5}

„Згрешив,“ повторно извикал Јуда, „зашто предадов невина крв”. Меѓутоа, првосвештеникот, прибирајќи се, презриво одговорил: „Што ни е грижа нам за тоа? Тоа е твоја работа“ (Матеј 27:4) Свештениците биле подготвени да го искористат Јуда како свое орудие, но ја презирале неговата нискост. Кога им се обратил со своето признание, тие го отфрлиле со презир. {КВ 722.1}

Тогаш Јуда се фрлил пред Исусовите нозе, признавајќи Го за Божји Син и преколнувајќи Го да се ослободи. Спасителот не го укорил Својот предавник. Тој знаел дека Јуда не се кае; само ужасното чувство на осуда и очекувањето на судот изнудиле вакво признание од неговата душа, но всушност тој не чувствувал никаква душевна болка, која го кине срцето, што Го предал безгрешниот Божји Син и што се одрекол од Израелевиот светец. Сепак, Исус не изговорил ниту еден збор на осуда. Гледајќи со сожалување кон Јуда, Тој рекол: „Заради овој час Јас дојдов на светот”. {КВ 722.2}

Меѓу присутните се слушнало шепотење полно со изненадување. Вчудовидено ја набљудувале Христовата благост кон Својот предавник. Повторно биле осведочени дека овој Човек е повеќе од обичен смртник. Меѓутоа, ако е Божји Син се прашувале тие зошто не се ослободи од Своите окови и не ги порази Своите тужители? {КВ 722.3}

Увидувајќи дека неговото преколнување е напразно, Јуда истрчал од судницата, извикувајќи: „Предоцна е! Предоцна е!“ Чувствувал дека не може да доживее да Го види Исуса распнат и затоа во очај заминал и се обесил. {КВ 722.4}

Подоцна, истиот ден, на патот кон Пилатовата судница до Голгота, стивнале повиците и подбивањата на злиот народ, кој Го водел Исуса на местото каде што требало да Го распнат. Поминувајќи покрај некое затскриено место, го виделе под едно суво дрво телото на Јуда. Тоа била една најодвратна сцена. Под товарот на неговото тело, јажето се скинало за кое се обесил на дрвото. При паѓањето, неговото тело било премногу осакатено и сега кучињата ненаситно го јаделе. Остатоците од неговото тело веднаш биле закопани и телото било отстрането од погледот; меѓутоа, мноштвото помалку се подбивало, а бледилото на лицето на многумина ги откривало внатрешните мисли. Изгледало дека одмаздата веќе ги стигнува оние, кои се виновни за Исусовата крв. {КВ 722.5}

77. ВО СУДНИЦАТА НА ПИЛАТ

Оваа поглавје е засновано на Матеј 27:2.11-31; Марко 15:1-20; Лука 23:1-25; Јован 18:28-40; 19:1-16.

Во судницата на римскиот гувернер Пилат, Христос стоел врзан како затвореник. Бил опкружен со стража, а судницата брзо се полнела со набљудувачи. Надвор, покрај влезот се собрале судиите на Синедрионот, свештениците, поглаварите, старешините и џганот. {КВ 723.1}

Откако Го осудил Исуса, Синедрионот му се обратил на Пилат да даде потврда за пресудата и за нејзино извршување. Меѓутоа, тие еврејски поглавари не влегувале во римската судница. Според нивниот обреден закон, со тоа би се оскверниле и не би можеле да учествуваат во празнувањето на Пасха. Меѓутоа, во своето слепило тие не виделе колку убиствената омраза ги сквернавела нивните срца. Не виделе дека Христос е вистинското пасхално Јагне и дека тој голем празник го изгубил своето значење, бидејќи го отфрлиле Него. {КВ 723.2}

Кога Го довеле Исуса во судницата, Пилат не бил пријателски расположен кон Него. Римскиот гувернер бил итно повикан од својата спална соба и тој бил одлучен колку што може побрзо да ја заврши работата. Бил подготвен строго да постапува со обвинетиот. Давајќи му на своето лице најстрог израз, се свртел да види каков е тој човек што треба да го испита и поради кој толку рано морал да го прекине својот одмор. Знаел дека тоа мора да биде лице, кое еврејските старешини сакале што побрзо да биде сослушано и казнето. {КВ 723.3}

Пилат прво ги погледнал луѓето што Го обвиниле Исуса, а потоа неговиот испитувачки поглед се задржал на Обвинетиот. Пилат имал работа со затвореници од секаков вид, но никогаш дотогаш пред него не бил изведен човек што носел обележје на таква добрина и благородност. На Неговото лице Пилат не видел никаков знак на вина, никаков израз на страв, никаква дрскост или пркос. Пред себе видел човек со

мирно и достоинствено држење, на чие лице не видел никакви траги на злосторство, туку печат од Небото. {КВ 724.1}

Христовата појава направила поволен впечаток на Пилат. Во Него се разбудило она што било добро во неговиот карактер. Тој слушал за Исуса и за Неговите дела. Сопругата му раскажала нешто за чудесните дела на галилејскиот Пророк, Кој исцелувал болни и подигал мртви. Сето тоа како сон оживеало во сеќавањето на Пилат. Се сетил на гласовите, кои во врска со тоа Доаѓале од разни извори. Одлучил да ги праша Евреите какви обвинувања имаат против тој затвореник. {КВ 724.2}

Кој е овој Човек и зошто Го донесовте? прашал тој. „Какви обвинувања имате против Него?“ Евреите биле збунети. Знаејќи дека не можат да ги поткрепат своите обвинувања против Христа, тие не сакале јавно сослушување. Одговориле дека Тој е измамник наречен Исус од Назарет. {КВ 724.3}

Пилат повторно прашал: „Какво обвинување поднесувате против овој Човек?“ Свештениците не одговориле на неговото прашање, но со зборови што ја манифестирале нивната раздразнетост рекле: „Ако овој човек не беше злодеец, немаше да ти го предадеме. Кога членовите на Синедрионот, првите луѓе на нацијата, доведуваат кај тебе човек за кого сметаат дека заслужил смрт, зар тогаш е потребно да прашуваш какви обвинувања постојат против Него?“ Се надевале дека ќе остават впечаток врз Пилат со свест за нивната важност и дека со тоа ќе го наведат да се сложи со нивното барање, не спроведувајќи никакви претходни испрашувања. Желно чекале нивната пресуда да биде потврдена, бидејќи знаеле дека оние кои биле очевидци на чудесните Христови дела можат да изнесат спротивни сведоштва од измислиците што тие сега повторно ги изнесувале. {КВ 724.4}

Свештениците мислеле дека кај слабиот и колеблив Пилат без тешкотии ќе ги спроведат своите планови. Претходно, тој брзо потпишувал смртни казни, осудувајќи на смрт луѓе за кои тие знаеле дека не заслужиле смрт. Животот на еден затвореник за него немал некоја голема вредност; дали тој човек бил невин или виновен тоа за него немало некоја посебна важност. Затоа свештениците се надевале дека Пилат ќе изрече смртна пресуда за Исуса без да Го сослуша. Тоа го барале како израз на наклонетост по повод нивниот голем национален празник. {КВ 724.5}

Меѓутоа, во тој затвореник имало нешто што го спречило Пилат така да постапи. Тој не се осмелувал да го направи тоа. Тој ја прочитал целта на свештениците. Се сетил дека неодамна Исус го воскреснал од мртвите Лазар човекот, кој четири дена бил мртов и одлучил пред да ја потпише смртната пресуда да дознае какви обвинувања постојат против Него и дали тие можат да се докажат. {КВ 725.1}

„Ако вашиот суд е доволен,“ рекол, „тогаш зошто Го доведовте затвореникот кај мене? Земете го вие и судете Му според вашиот закон”. Вака приморани, свештениците рекле дека тие веќе му изрекле пресуда, но дека мораат да ја имаат и неговата пресуда, за нивната да биде правосилна. „Каква е вашата пресуда?“; прашал Пилат. „Смртна казна,“ одговориле тие, „но според Законот не смееме ниту еден човек да погубиме”. Барале од Пилат да се потпре на нивната реч за Христовата вина и да ја одобри нивната пресуда. Одговорноста за последиците ја презеле на себе. {КВ 725.2}

Пилат не бил ниту праведен, ниту совесен судија; но колку и да му недостигала морална сила, Сепак одбил да одобри вакво барање. Не сакал да Го осуди Исуса, додека не се изнесе некакво обвинение против Него. {КВ 725.3}

Свештениците се нашле во дилема. Сфатиле дека мораат највешто да ја прикријат својата лицемерност. Не смееле да дозволат да изгледа дека Христос е уапсен од

верски причини. Кога тоа би го изнеле како причина, нивното обвинување не би имало никаква важност во очите на Пилат. Морале да прикажат дека Исус работел против општите закони и тогаш би можел да биде осуден како политички престапник. Меѓу Евреите постојано Доаѓало до нереди и бунтови против римската власт. Кон бунтовите од таков карактер, Римјаните биле многу строги и секогаш биле подготвени да задушат сè што би можело да доведе до побуна. {КВ 725.4}

Само неколку дена пред тоа, фарисеите се обиделе да Го фатат Христа во стапица со прашањето: „Дали е дозволено да даваме данок на царот?“ Меѓутоа, Христос го разоткрил нивното лицемерие. Присутните Римјани забележале целосен неуспех на заговорниците и нивната конфузија при Неговиот одговор. „Дајте му го ќесаровото на ќесарот, а Божјото на Бога”. (Лука 20:22-25) {КВ 725.5}

Сега свештениците настојувале да прикажат како Христос во таа прилика навистина го изнел она што тие се надевале дека Тој ќе поучува. Во својата екстремност тие повикале на помош лажни сведоци, „и тие почнаа да Го обвинуваат, велејќи: „Пронајдовме дека Овој го бунтува народот и забранува да му се дава данок на царот, а за Себе тврди дека е Христос, Цар”. Три обвинувања и секое без основа. Свештениците го знаеле тоа, но биле подготвени да се послужат со кривоклетство само за да ја остварат својата цел. {КВ 725.6}

Пилат ги презрел нивните намери. Тој не поверувал дека затвореникот ковал заговор против власта. Неговата кротка и понизна појава била во целосна нехармонија со тие обвинувања. Пилат бил уверен дека бил скован голем заговор за да се уништи еден невин човек, кој стоел на патот на еврејските достоинственици. Обраќајќи Му се на Исуса, Пилат прашал: „Дали си Ти цар јудејски?“ Спасителот одговорил: „Ти велиш”. И додека зборувал, Неговото лице блескало, како да Го осветлиле сноп од сончеви зраци. {КВ 726.1}

Кога го слушнале Неговиот одговор, Кајафа и оние кои биле со него, го повикале Пилат да посведочи дека Исус го признал злосторството за кое бил обвинет. Свештениците, книжевниците и поглаварите гласно барале Исус да биде осуден на смрт. Повикот го повторил џганот и настанала заглушувачка бука. Пилат бил збунет. Гледајќи дека Исус не им одговара на Своите обвинители, тој Го прашал: „Зар ништо не одговараш? Гледај Колку многу сведочат против Тебе. Но Исус ништо веќе не одговори”. {КВ 726.2}

Стоејќи зад Пилат, изложен на погледите на сите присутни во судницата, Христос ги слушнал лажните обвинувања, но на сето тоа кажано против Него Тој не одговорил со ниту еден збор. Со Своето држење Тој давал доказ дека е свесен за Својата невиност. Стоел спокојно, невознемирен од бесот на брановите кои заканувачки се удирале околу Него. Изгледало како силните бранови на гнев, да стануваат се поголеми и поголеми, како бранови на еден бесен океан да се разбиваат околу Него, но не Го допираат. Стоел молчејќи, но Неговото молчење било речитост. Светлината од Неговата внатрешност ја осветлувала Неговата личност. {КВ 726.3}

Пилат бил изненаден од Неговото држење. Дали овој Човек не обрнува внимание на судењето затоа што не се грижи да го спаси Својот живот? се прашувал. Набљудувајќи како Исус без возвраќање ги поднесува навредите и потсмевот, Пилат почувствувал дека Исус не може да биде толку неправеден како што се тие бучни свештеници. Сакајќи лично да ја дознае вистината од Него и да ја избегне врева на мноштвото, Пилат повторно го прашал Исуса: „Дали си Ти цар јудејски?“ {КВ 726.4}

Исус не одговорил директно на ова прашање. Тој знаел дека Светиот Дух се бори со Пилат настојувајќи да влијае на неговата совест и му дал можност да го признае своето осведочување. Тој прашал: „Го кажуваш ли тоа сам од себе или други ти го кажаа тоа за Мене?“ Со други зборови, дали Пилатовото прашање е засновано на обвинувањата на свештениците или на желбата да прими светлина од Христа. Пилат ја разбрал смислата на Неговите зборови, но во неговото срце се разбудила горделивост. Не сакал да го признае осведочувањето што го оптоварувало. „Зар јас сум Евреин?“ рекол. „Твојот народ и првосвештениците те предадоа во мои раце. Што си сторил?“ {КВ 726.5}

Златната прилика на Пилат поминала. Сепак Исус не го оставил без уште поголема светлина. Не одговарајќи непосредно на Пилатовото прашање, Тој јасно ја изложил Својата мисија во светот. Сакал Пилат да сфати дека Тој не копнее по земен престол. {КВ 727.1}

„Царството Мое не е од овој свет,“ рекол Тој „ако царството Мое беше од овој свет, тогаш Моите слуги би се бореле да не бидам предаден на Евреите; но царството Мое не е од овде. Тогаш му рече Пилат: ‘Сепак, Ти си цар?’ Исус му одговори: ‘Ти велиш дека сум цар. Јас затоа сум се родил и затоа сум дошол на овој свет да сведочам за вистината. Секој што е од вистината го слуша Мојот глас’”. {КВ 727.2}

Христос потврдил дека Неговата Реч сама по себе е клуч што ќе ја отвори тајната за оние кои се подготвени да ја примат. Таа во себе има посебна сила и тоа е тајната на ширењето на Неговото царство на вистината. Тој сакал Пилат да го сфати фактот дека неговата упропастена природа може да се обнови само со прифаќање на вистината, па таа ќе стане составен дел од него. {КВ 727.3}

Пилат посакал да ја дознае вистината. Неговиот ум бил збунет. Жедно ги прифатил зборовите на Спасителот, а неговото срце било поттикнато со голем копнеж да дознае што е всушност вистината и како може да се дојде до неа. „Што е вистина?“; прашал, но не го дочекал одговорот. Викотницата која Доаѓала однадвор го потсетила за обврските во тој час, бидејќи свештениците бучно барале брзо делување. Излегувајќи повторно пред Евреите, Пилат енергично објавил: „Јас не наоѓам никаква вина во Него”. {КВ 727.4}

Овие зборови на еден незнабожечки судија претставувале остра осуда на лукавството и невистините на израелските поглавари, кои Го обвинувале Спасителот. Кога свештениците и старешините го слушнале тоа од Пилат, на нивното разочарување и бес им немало крај. Тие одамна ковале заговор и толку долго чекале на оваа можност. Сега, кога виделе дека постои можност Исус да биде ослободен, биле подготвени да Го распарчат. Гласно почнале да го обвинуваат Пилат, заканувајќи се дека ќе го тужат кај римската власт. Го обвинувале дека одбива изрекување на пресуда на Исуса кој како што тврделе тие се дигнал против Цезарот. {КВ 727.5}

Тогаш се слушнале гневни гласови кои тврделе дека во цела земја е добро познато Исусовото бунтовничко влијание. „Тој го буни народот, учејќи по сета Јудеја, почнувајќи од Галилеја, па до овде,“ рекле свештениците. {КВ 728.1}

Во тој момент Пилат не помислувал да Го осуди Исуса. Тој знаел дека тие Го обвинуваат од омраза и од предрасуди. Бил свесен за својата должност. Правдата барала Христос веднаш да биде пуштен на слобода. Меѓутоа, Пилат се плашел од свирепата волја на народот. Ако одбиел да им Го предаде Христа во раце, би се создал бунт, а тој се плашел да се соочи со тоа. Кога слушнал дека Христос е од Галилеја, Пилат одлучил да Го испрати кај Ирод, управникот на таа покраина, кој во тоа време се наоѓал

во Ерусалим. Со тоа Пилат имал намера одговорноста за судењето на Христа да ја префрли на Ирод. Истовремено, во тоа гледал поволна можност да среди една расправија, која постоела помеѓу него и Ирод. Така и се случило. Двајцата намесници станале пријатели преку судењето на Спасителот. {КВ 728.2}

Пилат повторно Го предал Исуса на војниците, кои среде исмевањето и навредувањето на џганот итно го одвеле во судницата на Ирод. „Ирод многу се израдува кога Го виде Исуса". Никогаш порано не Го видел Спасителот, но „одамна имаше желба да Го види, зашто многу слушал за Него и се надеваше дека ќе види некое чудо од Него". Тоа бил оној Ирод, чии раце биле извалкани со крвта на Јован Крстителот. Кога првпат слушнал за Исуса, Ирод бил опфатен со ужас и рекол: „Тоа е Јован, на кого му ја пресеков главата, тој станал од мртвите;" „и затоа силни дела настануваат преку Него". (Марко 6:16; Матеј 14:2) И покрај тоа, Ирод сакал да Го види Исуса. Сега му се укажала прилика да го спаси животот на овој пророк и царот се надевал дека засекогаш ќе ја избрише од своето сеќавање сликата на таа крвава глава, која му била донесена на послужавник. Исто така, тој сакал да ја задоволи љубопитноста и мислел дека Христос, би сторил сè што се бара од Него доколку Му се понуди некаква можност за ослободување. {КВ 728.3}

Голема група свештеници и старешини го следела Христа до дворот на Ирод. Кога Спасителот бил воведен, тие достоинственици зборувајќи возбудено почнале да ги изнесуваат своите обвинувања против Него. Меѓутоа, Ирод не обрнувал внимание на нивните обвинувања. За да може да Го испита Исуса, побарал да биде тишина. Наредил да Му се симнат оковите на Христа и истовремено ги обвинил Неговите непријатели што толку грубо постапувале кон Него. Набљудувајќи го со сочувство мирното лице на Спасителот на светот, Ирод читал на него само мудрост и чистота. Исто како Пилат, и тој бил осведочен дека Христос е обвинет од злоба и завист. {КВ 729.1}

Ирод му поставил многубројни прашања на Христа, но Спасителот цело време молчел. На царска заповед донеле немоќни и болни, а потоа на Христа му било наредено да изврши некое чудо за да ги докаже своите тврдења. Ирод рекол: „Луѓето зборуваат дека можеш да излекуваш болни. Сакам да проверам дали не ја превозвишиле Твојата слава". Исус не давал никаков одговор, а Ирод навалувал и понатаму: „Ако можеш да правиш чуда за другите, направи сега за Твое добро и тоа ќе послужи на Твое добро". Потоа уште еднаш му наредил: „Покажи ни некаков знак дека навистина ја имаш онаа моќ, која гласините ти ја припишуваат". Меѓутоа, Христос на сето ова реагирал како ништо да не гледа и не слуша. Божјиот Син земал на Себе човечка природа. Тој морал да се однесува онака како што би се однесувал човекот во слични околности. Затоа не сакал да направи никакво чудо за да се спаси од болките и понижувањето, кои и човекот мора да ги поднесе, кога ќе се најде во слична ситуација. {КВ 729.2}

Ирод ветил дека ќе Го пушти Христа, ако во негово присуство направи некое чудо. Христовите обвинители со свои очи ги гледале чудесните дела кои Тој ги направил со Своја сила. Тие Го слушнале како му заповеда на гробот да го врати својот мртовец. Виделе како оној, кој бил мртов, се покорува на Неговиот глас и излегува од гробот. Ги обзел страв дека Христос сега ќе направи некое чудо. Тие најмногу се плашеле од можноста Тој да ја покаже Својата чудотворна моќ. Таков доказ би задал смртен удар на нивните планови, а би можел да ги чини и живот. Во голема вознемиреност, свештениците и поглаварите повторно навалиле со своите обвинувања против Него. Тие рекле: „Тој е предавник, богохулник. Тој ги прави Своите чуда со помош на силата

на Велзевул, кнезот ѓаволски". Во судницата настанала збрка; едни гласно тврделе едно, други друго. {КВ 729.3}

Иродовата совест сега била многу помалку чувствителна, отколку во тоа време, кога дознавајќи дека Иродијада ја бара главата на Јован Крстителот, затреперил од ужас. Извесен период чувствувал грижа на совеста поради својата ужасна постапка, но заради распуштениот живот, неговите морални чувства станувале се поунижени. Сега неговото срце било толку закоравено, што можел да се фали како дозволил Јован да биде погубен само поради тоа што се осмелил да го укорува. И сега Му се заканувал на Исуса, постојано нагласувајќи дека може да Го пушти или да Го осуди. Меѓутоа, Исус со ниту еден знак не покажал дека слушнал некој збор. {КВ 730.1}

Тоа молчење го иритирало Ирода. Изгледало како Исус на тој начин да покажува рамнодушност кон неговиот авторитет. За горделивиот цар, отвореният прекор би бил помалку навредлив, отколку да не му се обрнува никакво внимание. Повторно луто му се заканил на Исуса, Кој и понатаму останал мирен и молчалив. {КВ 730.2}

Христовата мисија на овој свет не се состоела во тоа да задоволи нечија бескорисна љубопитност. Тој дошол да ги исцели скршените по срце. Кога би можел да каже каков било збор за да ги залечи раните во душите заболени од грев, Тој не би молчел. Но за оние, кои биле подготвени да ја фрлат вистината под своите несвети нозе, Тој не сакал да изговори ниту еден збор. {КВ 730.3}

Христос можел да му упати на Ирод зборови, кои како остри стрели би се зариле во неговото закоравено срце. Можел да го исполни со страв и трепет прикажувајќи му ги сите беззаконија од неговиот живот и на ужасот од неговата блиска пропаст. Меѓутоа, молчењето било најстрог укор што можел да му го упати. Ирод ја отфрлил вистината што му ја објавил најголемиот од сите пророци и затоа веќе нема да добие никаква друга порака. Небесното Височество немало за него ниту еден единствен збор. Увото, кое било отворено да ги слуша човечките неволји, не ги слушало наредбите на Ирод. Очите, кои гледале со сочувство, простување и љубов кон секој грешник што се кае, не се запреле на Ирода. Усните, кои изговарале најзначајни вистини, кои нежно го преколнувале најгрешниот и најдеградираниот, биле затворени пред горделивиот цар, кој во својата душа не чувствувал дека му е потребен Спасител. {КВ 730.4}

Иродовото лице потемнело од гнев. Обраќајќи се на мноштвото, Ирод гневно Го обвинил Исуса како измамник. Потоа Му рекол на Христа: „Ако не го докажеш Своето тврдење, ќе Те предадам на војниците и на народот. Тие ќе Те натераат да зборуваш. Ако си измамник, смртта е единственото што го заслужуваш; ако си Божји Син, ослободи се со тоа што ќе направиш некое чудо. {КВ 730.5}

Тие зборови сè уште не биле изговорени, а мноштвото тргнало кон Исуса и како диви животни, тие се нафрлиле на својот плен. Го влечеле Исуса на сите страни, а Ирод им се придружил во желбата да го понижат Божјиот Син. Да не се вмешале римските војници и со примена на сила да не ја растерале оваа разбеснета толпа, Спасителот би бил растргнат на парчиња. {КВ 731.1}

„Тогаш Ирод со своите војници, Го презре и Му се изнаподбива и Го облече во сјајна облека". Римските војници се придружиле во ова малтретирање. Сè што можеле да смислат овие зли, расипани војници, потпомогнати од Ирод и од еврејските достоинственици, му сториле на Спасителот. Сепак, Неговото божествено трпение не изнемоштило. {КВ 731.2}

Христовите прогонувачи се обиделе Неговиот карактер да го мерат со својот карактер и да Го прикажат како зол, какви што биле тие. Но зад таа сцена, можела да

се види една друга сцена, сцена, која тие еден ден ќе мораат да ја гледаат во сета своја слава. Тука имало и такви кои трепереле во Христово присуство. Додека грубата толпа се поклонувала пред Него во исмејување, некои кои имале намера да учествуваат во тоа и се пробиле напред, се одвраќале исплашени и занемени. Ирод исто така бил осведочен. Последните зраци на милост го осветлиле неговото од грев затврднато срце. Почувствувал дека тоа не е обичен човек, бидејќи преку Неговата човечка природа блеснала божествената. Токму во оној момент, кога Христос бил опколен од потсмевачите, прељубодејците и убијците, Ирод имал впечаток дека Го гледа Бога на Неговиот престол. {КВ 731.3}

Колку и да бил закоравен, Ирод не се осмелил да ја потврди пресудата изречена на Христа. Сакал да се ослободи од таа ужасна одговорност и повторно Го вратил Исуса во римската судница. {КВ 731.4}

Пилат бил разочаран и многу незадоволен. Кога Евреите се вратиле со својот затвореник, тој нетрпеливо ги прашал што сакаат од него. Ги потсетил на фактот дека веќе го сослушал Исуса и дека не нашол никаква вина во Него; им рекол дека ниту едно обвинување што го изнеле против Него не можеле да го докажат. Тој го испратил кај Ирод, кој бил гувернер во Галилеја и кој припаѓал на нивниот народ, но ниту тој не нашол на Него ништо со што би заслужил смрт. „Значи, ќе Го камшикувам,“ рекол Пилат, „па ќе Го пуштам”. {КВ 731.5}

Тука Пилат ја покажал својата слабост. Самиот изјавил дека Исус е невин, а Сепак бил подготвен да Го камшикува, за да ги смири Неговите тужители. Бил подготвен да ја жртвува правдата и начелото, за да направи компромис со бесното мноштво. Токму со тоа се довел себеси во непријатна положба. Мноштвото се потпрело на неговата нерешителност, па уште поупорно го барало животот на Обвинетиот. Кога од првиот момент би бил решителен, не согласувајќи се да изрече пресуда над Оној, Кој според негово мислење бил невин, Пилат би ги раскинал судбоносните окови на грижата на совеста и вината, кои ќе го држат окован до крајот на неговиот живот. Кога би се придржувал кон она што сметал дека е правилно, Евреите не би се осмелувале да му ја наметнат својата волја. Христос би бил усмртен, но вината не би паднала на Пилат. Меѓутоа, тој чекор по чекор го оглушувал гласот на неговата совест. Нашол изговор да не суди според правдата и сега станал речиси беспомошен во рацете на свештениците и поглаварите. Неговата колебливост и неодлучност ја потврдиле неговата пропаст. {КВ 731.6}

Дури и сега Пилат не бил оставен слепо да делува. Со посредство на една божествена порака бил предупреден за делото што се подготвувал да го направи. Како одговор на Христовата молитва, еден небесен ангел бил испратен кај Пилатовата сопруга и таа на сон Го видела Спасителот и разговарала со Него. Таа жена не била Еврејка, но, кога на сон Го видела Исуса, веќе не се сомневала во Неговиот карактер и во Неговата мисија. Била осведочена дека Тој е Божји Кнез. Го видела на судењето во судницата. Видела како рацете Му се цврсто врзани, како да е некој криминалец. Го видела Ирод и неговите војници како го извршуваат тоа ужасно дело. Слушнала како свештениците и поглаварите, исполнети со завист и злоба, бесно Го обвинуваат. Ги слушнала зборовите: „Ние имаме закон и според нашиот закон Тој треба да умре”. Видела како Пилат Го предава Исуса да го бичуваат иако рекол: „Јас не наоѓам никаква вина кај Него”. Ја слушнала пресудата што ја изговорил Пилат и видела како Го предава Христа на Неговите убијци. Видела како се подига крстот на Голгота. Ја видела земјата обвиткана во темнина и слушнала таинствен извик: „Се сврши”. Меѓутоа, уште една

сцена поминала покрај нејзините очи. Видела како Христос седи на голем бел облак, додека земјата се лула во просторот, а Неговите убијци бегаат пред лицето на Неговата слава. Се разбудила со извик на ужас и веднаш му напишала на Пилат зборови на опомена. {КВ 732.1}

Додека Пилат неодлучно размислувал за тоа што треба да прави, еден гласник се пробил низ мноштвото и му го предал писмото од неговата сопруга, во кое пишувало: {КВ 732.2}

„Не прави Му ништо на тој Праведник, зашто денес на сон многу пострадав поради Него". {КВ 732.3}

Лицето на Пилат пребледело. Бил збунет од своите противречни чувства. Но додека ја одложувал одлуката, свештениците и поглаварите сè повеќе го распалувале народот. Пилат бил принуден да направи нешто. Се сетил на еден обичај што би можел да го искористи за да Го ослободи Христа. Било вообичаено на празникот Пасха да ослободи еден затвореник, кого ќе го избере народот. Овој обичај бил од паганско потекло; во него немало ниту сенка од праведност, но бил многу ценет од страна на Евреите. Во тоа време во рацете на римската власт се наоѓал еден затвореник по име Варнава, кој бил осуден на смрт. Тој човек тврдел дека е Месијата. Тврдел дека е овластен да воспостави ново уредување во светот и да го насочи во добар правец. Измамен од сатаната, тврдел дека сè она што ќе го приграби со кражба и разбојништво му припаѓа нему. Правел прекрасни чуда преку сатанската сила, стекнал привржаници меѓу народот и го поттикнувал народот на бунт против римската власт. Прикривајќи се под наметката на верско воодушевување, тој всушност бил закоравен и безнадежен злосторник, склон на бунт и суровост. Давајќи им на Евреите можност да изберат дали ќе го спасат тој човек или пак невиниот Спасител, Пилат се надевал дека кај нив ќе се разбуди чувството на правда. Се надевал дека за разлика од свештениците и поглаварите, кај народот ќе ја задобие нивната наклонетост и сочувство кон Исуса. Затоа, обраќајќи му се на мноштвото, рекол со голема сериозност: „Кого сакате да ви го пуштам? Варнава или Исуса, наречен Христос?" {КВ 733.1}

Одговорот на џганот бил сличен на рикање на диви ѕверови: „Пушти ни го Варнава!" Извикот: „Варнава! Варнава!" станувал се погласен. Мислејќи дека народот не го разбрал неговото прашање, Пилат прашал: „Сакате ли да ви го пуштам царот Јудејски?" Меѓутоа, тие повторно повикале: „Земи го овој, а пушти ни го Варнава!" „А што да сторам со Исуса наречен Христос?"; прашал Пилат. Повторно разбранетото мноштво зарикало со глас сличен на демони. Вистински демони во човечки облик се наоѓале во тоа мноштво и што друго можело да се очекува освен одговорот: „Да биде распнат!" {КВ 733.2}

Пилат бил вознемирен. Тој не очекувал дека ќе дојде до ова. Се стаписал од помислата невин човек да предаде на најсрамна и најсвирепа смрт, која можела да се пресуди. Кога извиците стивнале, тој му се обратил на мноштвото, прашувајќи: „Зошто, какво зло направил?" Но веќе случајот отишол премногу далеку за да може да се аргументира. Мноштвото не сакало доказ за Христовата невиност, туку барало Тој да биде осуден. {КВ 733.3}

Сè уште Пилат се обидувал да Го спаси Христа. „Тој и по третпат им рече: Зошто, какво зло направил? Јас не најдов ништо кај Него што заслужува смрт. Ќе Го камшикувам, па ќе Го пуштам". Меѓутоа, самата помисла дека Исус би можел да биде ослободен, десеткратно го зголемил бесот кај народот. „Распни Го! Распни!", викале

тие. Бурата предизвикана од Пилатовата нерешителност, станувала сè посилна и посилна. {КВ 733.4}

Исцрпен од умор и покриен со рани, Исус бил јавно камшикуван пред очите на мноштвото. „Војниците Го одведоа во внатрешноста на палатата, во таканаречениот преториум и повикаа цела чета. Го наметнаа со пурпурна наметка, па исплетоа трнов венец и со него Го крунисаа. Тогаш почнаа да Го поздравуваат: Здраво, здраво царе јудејски!... Го плукаа, паѓаа на колена и Му се поклонуваа". Повремено, некоја лоша рака би ја грабнала трската, која Му била ставена во десната рака и би Го удирала со неа по трнливиот венец, забодувајќи го на тој начин трњето во Неговите слепоочници, па крв се сливала низ Неговото лице и брада. {КВ 734.1}

Чудете се небеса и запрепасти се земјо! Погледнете ги прогонителите и Прогонетиот. Избезуменото мноштво го опкружило Спасителот на светот. Подбивањето и исмевањето се мешаат со непристојни пцости и хули. Бесчувствителното мноштво го коментира Неговото скромно потекло и Неговиот скромен живот. Неговото тврдење дека е Божји Син е изложено на потсмев, а вулгарните шеги, навредливите потсмеви одат од уста на уста. {КВ 734.2}

Сатаната го предводел тоа свирепо мноштво во злоставувањето на Спасителот. Целта била да Го предизвика да се одмазди, ако тоа е можно, или да Го наведе да направи чудо за да се спаси и на тој начин да Го сруши планот на спасение. Само една дамка на Неговиот човечки живот, само еден неуспешен обид на Неговата човечка природа да го поднесе тој ужасен тест, и Божјото Јагне би било несовршена жртва, а спасението на човекот би било неуспех. Иако само со една заповед можел да ги повика на помош небесните војски и да го натера тоа бесно мноштво во ужас да побегне од Него со блескањето на Неговото божествено величество, тој во совршен спокој се потчинил на најсуровите навреди и злоставувања. {КВ 734.3}

Христовите непријатели барале чудо, како доказ за Неговото божество. Меѓутоа, доказот што им бил даден бил многу поголем од доказите кои тие ги барале. Како што суровоста ги унижила Неговите мачители под човечко достоинство и наликувале на сатаната, така кротоста и трпението Го издигнале Исуса над човечкото и го докажале Неговото сродство со Бога. Неговото понижување било гаранција за Неговата возвишеност. Капките крв, кои се слевале од Неговите ранети слепоочници низ Неговото лице и брада, биле гаранција за Неговото помазание со „масло на радоста" (Евреите 1:9), како наш голем Првосвештеник. {КВ 734.4}

Сатаната бил бесен, кога видел дека сета тоа малтретирање на кое бил изложен Спасителот не можело да изнуди од Неговите усни дури ни најмало негодување. Иако земал на Себе човечка природа, бил засилен со божествена цврстина и ни малку не отстапил од волјата на Својот Татко. {КВ 735.1}

Кога Го предал Исуса да биде камшикуван и изложен на потсмев, Пилат мислел дека ќе разбуди сочувство кај присутните. Очекувал дека ќе дојдат до заклучок дека таа казна е доволна. Дури и злобата на свештениците, мислел Пилат, ќе биде задоволена на тој начин. Меѓутоа, Евреите остроумно ја забележале неговата слабост, кога на ваков начин казнува човек, кого го прогласил за невин. Тие знаеле дека со тоа тој се обидува да му го спаси животот на затвореникот и биле одлучни Исус да не биде ослободен. За да ни угоди и да не задоволи, Пилат Го даде на камшикување мислеле тие и ако вршиме притисок до одлучувачки момент, сигурно ќе ја постигнеме својата цел. {КВ 735.2}

Тогаш Пилат наредил да се доведе Варнава во судницата. Потоа ги извел двајцата затвореници еден покрај друг и покажувајќи на Спасителот рекол со глас на свечено

преколнување: „Еве Го Човекот!“ „Еве Го изведувам пред вас за да знаете дека јас кај Него не наоѓам никаква вина”. {КВ 735.3}

Тука стоел Божјиот Син, носејќи подбивна облека и трнов венец. На Неговите до појас соблечени плеќи се гледале долги, сурови модринки од кои непрекинато течела крв. Неговото од крв извалкано лице давало одраз на претрпена болка и исцрпеност, но тоа лице никогаш не било поубаво, отколку тогаш. Изгледот на Спасителот не бил изменет пред Неговите непријатели. Секоја негова црта изразувала благост, спокојство и најнежно сочувство кон Неговите сурови непријатели. Неговото држење не покажувало кукавичка слабост, туку сила и достоинство на долготрпение. Затвореникот покрај Него бил впечатлива спротивност. Секоја црта на лицето на Варнава одразувала закоравен разбојник каков што навистина тој бил. Таа спротивност му зборувала на секој набљудувач. Некои од присутните плачеле. Набљудувајќи Го Исуса, биле исполнети со сочувство. Дури и свештениците и поглаварите биле осведочени дека Тој бил навистина она што Тој го тврдел за Себе. {КВ 735.4}

Ниту римските војници што се наоѓале околу Христа не биле целосно закоравени; некои сериозно го посматрале Неговото лице барајќи доказ дали навистина е криминалец или опасен престапник. Одвреме навреме би фрлиле некој презирен поглед и на Варнава. Не била потребна голема остроумност за тој да биде целосно прочитан. Потоа повторно би го насочиле својот поглед кон Оној, Кому му се судело. Го набљудувале божествениот Страдалник со чувство на длабоко сожалување. Христовата тивка покорност ја врежала во нивното сеќавање сцената, која нема да биде избришана, сè додека не Го признаат како Христос или ќе Го отфрлат и со тоа засекогаш ќе ја запечатат својата судбина. {КВ 735.5}

Пилат бил воодушевен од Спасителовото поднесување на сево ова без ниту еден збор на поплака. Бил цврсто убеден дека појавата на ваков човек, наспроти Варнава, мора да ја разбуди наклонетоста на Евреите. Меѓутоа, Пилат не ја познавал фанатичната омраза на свештениците кон Оној, Кој како Светлина на светот, ја разоткрил нивната темнина и заблуда. Џганот бил разгневен и свештениците, поглаварите и народот повторно го подигнале својот глас со оној страшен извик: „Распни Го, распни Го!“ Конечно, губејќи го целосно трпението заради нивната безумна свирепост, Пилат очајно извикал: „Земете Го вие и распнете Го, зашто јас не наоѓам никаква вина кај Него”. {КВ 736.1}

Иако навикнат на свирепи сцени, римскиот гувернер бил трогнат од сочувство кон напатениот затвореник, кој иако осуден и камшикуван, со крваво чело и со изранети плеќи, сè уште се држел како цар на престол. Меѓутоа, свештениците изјавиле: „Ние имаме закон и според нашиот закон Тој треба да умре, бидејќи Сам се направи Божји Син”. {КВ 736.2}

Пилат бил запрепастен. Тој немал точна претстава за Христа и за Неговата мисија, но имал неодредена вера во Бога и во битија кои се повозвишени од човечкиот род. Тогаш мислата, која веќе порано му минала низ главата добила поодреден облик. Тој се прашувал дали пред него можеби не стои божествено суштество, облечено во пурпурна облека на подбив и крунисано со трнов венец. {КВ 736.3}

Повторно отишол во судницата и му рекол на Исуса: „Од каде си Ти?“ Исус не му одговорил. Спасителот слободно зборувал со Пилат и му ја објаснил Својата мисија како сведок за вистината. Пилат ја запоставил таа светлина. Тој ја злоупотребил својата висока положба на судија со тоа што ги подредил своите начела и власт на барањата на

џганот. За него Исус веќе немал повеќе светлина. Иритиран поради Исусовото молчење, Пилат горделиво рекол: {КВ 736.4}

„Мене ли не ми одговараш? Не знаеш ли дека имам власт да те распнам и дека имам власт да те ослободам?“ {КВ 736.5}

Исус одговорил: “Ти не би имал никаква власт над Мене, кога не би ти било дадено одозгора. Затоа поголем грев има оној што Ме предаде во твои раце”. {КВ 736.6}

Така, милостивиот Спасител среде најголемите страдања и Болки, настојувал Колку што можел, да ја оправда постапката на римскиот гувернер, кој Го предал да биде распнат. Каква е таа сцена што треба да му остане на светот за сите времиња! Каква светлина фрла тоа на карактерот на Оној, Кој е Судија на целата Земја! {КВ 736.7}

„Поголем грев има оној,“ рекол Исус, „што Ме предаде во твои раце”. Со ова Христос мислел на Кајафа, кој како првосвештеник го претставувал еврејскиот народ. Евреите знаеле според какво начело се раководи римската власт. Тие ја имале светлината на пророштвата кои сведочеле за Христа, како и светлината на Неговото учење и Неговите чуда. На еврејските судии им биле дадени непогрешливи докази за божеството на Оној, Кому му изрекле смртна пресуда. Затоа ќе им биде судено според светлината што ја примиле. {КВ 737.1}

Најголема вина и најтешка одговорност паѓа на оние кои заземале највисоки положби во народот, чувари на светите доверби, кои сега толку подмолно ја издале. Пилат, Ирод и римските војници во споредба со нив, малку знаеле за Исуса. Малтретирајќи Го, тие сакале да им угодат на свештениците и поглаварите. Тие ја немале онаа светлина, која му била изобилно дадена на еврејскиот народ. Кога на римските војници би им била дадена таква светлина, тие сигурно не би постапувале кон Христа толку свирепо. {КВ 737.2}

Пилат повторно предложил да се ослободи Спасителот. „Но Евреите повторно викаа, велејќи: Ако го ослободиш Овој, не си пријател на царот”. Така, тие лицемери се преправале дека се грижат за авторитетот на царот. Од сите противници на римската власт, Евреите биле најогорчени. Кога за нив било безбедно да го прават тоа, најсвирепо ги наметнувале своите национални и верски барања, но кога сакале да издејствуваат остварување на некое свирепо дело тие ја издигнувале власта на царот. За да издејствуваат Исус да биде убиен, тие исповедале лојалност на туѓинската власт, која всушност ја мразеле. {КВ 737.3}

„Секој што се прави цар,“ продолжиле тие, „противник му е на царот”. Со тоа ја допреле слабата точка на Пилат. Врховната власт од Рим се сомневала во него и тој знаел дека таквиот извештај би го Уништил. Знаел дека гневот на Евреите ќе се сврти против него, ако го спречи остварувањето на нивните планови. За да се одмаздат, тие ќе сторат сѐ што треба. Сега, пред очите имал пример на упорност со која барале смрт на Оној, Кој станал предмет на нивната омраза без никаква причина. {КВ 737.4}

Тогаш Пилат седнал на судиската столица и повторно го извел Исуса пред народот, велејќи: „Еве го вашиот Цар!“ Мноштвото безумно викало: „Земи, земи, распни Го!“ Со глас кој се слушал блиску и далеку, Пилат прашал: „Да Го распнам ли вашиот Цар?“ Но од нечистите и богохулни усни се слушнале зборовите: „Ние немаме цар освен ќесарот”. {КВ 737.5}

Така еврејскиот народ, одлучувајќи се за незнабожечкиот владетел, ја отфрлил теократијата. Го отфрлил Бога како свој цар. Оттогаш, веќе немале ослободител. Немале друг цар освен ќесарот. Свештениците и поглаварите го навеле народот на тоа. Затоа и

за сите ужасни последици кои следеле потоа, тие биле одговорни. Големиот грев и пропаста на народот се должело на верските водачи. {КВ 737.6}

„Кога Пилат виде дека ништо не постигнува и дека викотниците стануваат уште посилни, зеде вода и ги изми рацете пред толпата велејќи: Јас сум невин од крвта на овој Праведник. Мислете му вие". Пилат со страв и самоосуда го погледнал Спасителот. Во пространото море од лица, само лицето на Спасителот било спокојно. Околу Неговата глава како да блескала некоја блага светлина. Во своето срце Пилат рекол: „Тој е Бог". Обраќајќи му се на мноштвото, изјавил: „Јас сум чист од Неговата крв. Земете Го вие и распнете Го. Но знајте, свештеници и поглавари, јас го прогласувам за праведен човек. Оној, за кого тврди дека е Негов татко, нека ви суди вам, а не мене за денешното дело. Тогаш Му рекол на Исуса: Прости ми за ова. Јас не можам да те спасам". Откако повторно Го изнатепал Исуса, Го предал да биде распнат. {КВ 738.1}

Пилат копнеел да Го спаси Исуса. Меѓутоа, тој дошол до заклучок дека тоа не може да го направи, а истовремено да ја сочува својата положба и чест. Попрво одбрал да жртвува еден невин живот, отколку да ја загуби својата земна власт. Колку има такви кои на сличен начин го жртвуваат начелото за да не се изложат на некаква загуба или страдање. Совеста и должноста укажуваат на еден пат, а личната корист на друг. Струјата силно впече во погрешна насока и секој што ќе се обиде да прави компромис со злото, станува одвлечен во густата темнина на гревот. {КВ 738.2}

Пилат попуштил на барањата на џганот. За да не ја изложи на опасност својата положба, Тој Го предал Исуса да биде распнат. Меѓутоа, и покрај сета негова претпазливост, подоцна го снашло токму она од што се плашел. Одземени му биле сите почести, бил симнат од својата висока положба и мачен од грижата на совеста и од повредената гордост, набргу по распнувањето ставил крај на својот живот. Така, награда за сите оние кои прават компромис со гревот ќе биде само жалост и пропаст. „Некој пат на човекот му изгледа прав, а неговиот крај води кон смрт". (Изреки 14:12) {КВ 738.3}

Кога Пилат изјавил дека е невин од Христовата крв, Кајафа дрско одговорил: „Неговата крв нека биде врз нас и врз нашите деца". Присутните свештеници и поглавари ги прифатиле овие ужасни зборови и тие одекнувале среде мноштвото како нечовечки рик. Сето мноштво одговорило и рекло: „Неговата крв нека биде врз нас и врз нашите деца". {КВ 738.4}

Тогаш еврејскиот народ го направил својот избор. Покажувајќи на Исуса, тие рекле: „Не овој, туку Варнава". Варнава, разбојник и убиец, бил претставник на сатаната. Христос бил Божји претставник. Христос бил отфрлен, Варнава бил избран. Варнава и ќе го добијат. Донесувајќи ја својата одлука, тие го избрале оној, кој од почеток бил лажец и убиец. Сатаната бил нивен водач. Како народ, тие ќе ги спроведуваат неговите наредби. Тие ќе извршуваат негови дела. Ќе мора да се покоруваат на неговата власт. Тој народ кој наместо Христа го избрал Варнава, ќе ја чувствува свирепоста на Варнава до крајот на светот. {КВ 738.5}

Набљудувајќи го избиеното Божјо Јагне, Евреите извикале: „Неговата крв нека биде врз нас и врз нашите деца". Тој ужасен повик се издигнал до Божјиот престол. Таа пресуда, која си ја изрекле сами на себе, била запишана на Небото. Таа молба била услишена. Крвта на Божјиот Син почивала на нивните деца, и на децата на нивните деца, како постојано проклетство. {КВ 739.1}

Таа страшно се обистинила во разурнувањето на Ерусалим. Страшно се искажала во состојбата во која се наоѓа еврејскиот народ осумнаесет векови во гранката одвоена

од лозата, во изумрената, неродна гранка што треба да се собере и запали. Од народ до народ низ цел свет, од век до век, еврејскиот народ бил мртов во престапот и во гревот. {КВ 739.2}

Таа молитва ќе биде страшно исполнета на денот на Големиот суд. Кога Христос повторно ќе дојде на Земјата, луѓето нема да Го гледаат како затвореник опкружен со бесно мноштво. Тие ќе Го видат како небесен цар. Христос ќе дојде во сета Своја слава, во славата на Својот Татко и во славата на светите ангели. Десет илјади по десет илјади и илјади илјади ангели, прекрасни и победнички Божји синови, во ненадминлива убавина и слава, ќе Го следат на Неговиот пат. Тогаш, Тој ќе седне на престолот на Својата слава, а пред Него ќе се соберат сите народи. Тогаш ќе Го здогледа секое око, па и оние кои Го распнаа. Наместо трнов венец, Тој ќе носи славна круна круна во круна. Наместо таа стара пурпурна облека, ќе биде облечен во најсјајна бела облека, „каква што не може да избели ниту еден избелувач на Земјата". (Марко 9:3) На Неговата облека и на Неговите бедра ќе бидат напишани зборовите: „Цар над царевите и Господар над господарите". (Откровение 19:16) Тука ќе се наоѓаат и оние што Му се потсмевале и Го удирале. Свештениците и поглаварите повторно ќе ги видат сцените во судницата. Секоја подробност ќе се појави пред нив, како да е испишана со пламени букви. Тогаш оние кои викале: „Неговата крв нека биде врз нас и врз нашите деца," ќе добијат одговор на својата молба. Тогаш цел свет ќе дознае и ќе разбере. Тогаш тие бедни и слаби смртници ќе видат против кого и против што се бореле. Во ужасна агонија и страв, тие ќе повикаат на горите и карпите: „Паднете врз нас и сокријте не од лицето на Оној што седи на престолот и од гневот на Јагнето, зашто дојде големиот ден на Неговиот гнев и кој може да се одржи?" (Откровение 6:16, 17) {КВ 739.3}

78. ГОЛГОТА

Оваа поглавје е засновано на Матеј 27:31-53; Марко 15:20-38; Лука 23:26-46; Јован 19:16-30

„И кога дојдоа на местото, наречено Голгота, таму Го распнаа Него". {КВ 741.1}

„За да го освети народот со Својата крв," Христос „настрада надвор од градските порти". (Евреите 13:12) Поради престапот на Божјиот закон, Адам и Ева биле истерани од Едем. Христос, нашиот Заменик, требало да страда надвор од ѕидините на Ерусалим. Умрел надвор од градот, на местото каде што се погубувани злосторниците и убијците. Многу се значајни зборовите: „Христос не откупи од проклетството на законот, станувајќи проклетство место нас". (Галатјаните 3:13) {КВ 741.2}

Огромно мноштво Го следело Исуса од судницата до Голгота. Гласот за Неговата пресуда се проширил низ цел Ерусалим, па луѓе од сите општествени слоеви и сите професии тргнале на местото на распнување. Свештениците и поглаварите биле врзани со ветувањето дека нема да ги малтретираат Христовите следбеници доколку Тој им биде предаден, па учениците и верниците од градот и околината му се придружиле на мноштвото што го следело Спасителот. {КВ 741.3}

Кога Исус поминал низ портата на Пилатовата судница, на Неговите ранети и крвави плеќи бил ставен крстот, кој бил подготвен за Варнава. Двајцата другари на Варнава требало да бидат распнати истовремено со Исуса, па и ним им биле натоварени крстови. Носењето товар било претешко за слабиот и измачен Спасител. Од пасхалната

вечера со Своите ученици, Спасителот ниту јадел, ниту пиел. Во Гетсиманската градина бил во агонија борејќи се со сатанските сили. Ја поднел болката на предавство и видел како Неговите ученици го напуштаат и бегаат. Го однеле кај Ана, потоа кај Кајафа и конечно кај Пилат. Пилат Го испратил кај Ирод и потоа повторно бил вратен кај Пилат. Навреди по навреди, подбивања по подбивања, двапати камшикуван сè што се случувало таа ноќ било од карактер да ја искуша човечката природа до крајност. Сепак, Христос не попуштил. Не изговорил ниту еден единствен збор со кој не би Го прославил Бога. За време на судењето кое било срамна фарса Тој се држел цврсто и достоинствено. Но кога по второто камшикување врз Него бил ставен крст, Неговата човечка природа веќе не можела да издржи. Паднал под товарот, губејќи свест. {КВ 741.4}

Мноштвото што одело по Спасителот ги видело Неговите слаби и тетеравечки чекори, но не покажало сожалување. Му се потсмевале и Го навредувале затоа што не можел да Го носи тешкиот крст. Повторно го ставиле товарот на Него и повторно паднал онесвестен на земјата. Неговите мачители сфатиле дека Тој не е во состојба понатаму да го носи Својот крст. Биле загрижени да најдат некој кој би се согласил да го носи тој понижувачки товар. Евреите тоа не можеле да го направат, бидејќи со тоа би се оскверниле и не би можеле да ја празнуваат Пасха. Дури ниту од џганот кој одел по Него никој не сакал да се понизи и да го понесе крстот. {КВ 742.1}

Во тоа време некој странец, Симон од Кирина, кој се враќал од полето, го сретнал мноштвото. Ги слушнал подбивањата и простачките навреди на мноштвото, слушнал како со презир ги повторуваат зборовите: „Направете пат за еврејскиот Цар!“ Застанал вчудовиден од оваа сцена и бидејќи покажал сожалување, го фатиле и му го ставиле крстот на неговите плеќи. {КВ 742.2}

Симон слушал за Исуса. Неговите синови верувале во Спасителот, но тој самиот не бил ученик. Носењето на крстот до Голгота претставувало благослов за Симон и тој секогаш потоа бил благодарен за тоа провидение. Тоа го навело доброволно да го земе Христовиот крст и секогаш радосно да стои под неговиот товар. {КВ 742.3}

Голем број жени оделе по Невиниот, на Неговиот пат во сурова смрт. Нивното внимание било сосредоточено на Христа. Некои од нив Го виделе и порано. Некои Му ги донесувале своите болни и несреќни. Некои и самите биле излекувани. Сега раскажувале за тие настани. Се чуделе на омразата на мноштвото кон Оној, за Кого нивните срца биле допрени и готови да препукнат. Тие жени покажувале израз на сочувство и покрај постапките на избезуменото мноштво и гневните зборови на свештениците и поглаварите. Тажно заплакале, кога Исус паднал без свест под товарот на крстот. {КВ 742.4}

Тоа било единствено нешто што го привлекло Христовото внимание. Иако бил напатен со страдања, носејќи ги гревовите на светот, Тој не останал рамнодушен кон изразите на болка. Со нежно сочувство ги гледал тие жени. Тие не верувале во Него; знаел дека не Го оплакуваат како Божји пратеник, туку биле поттикнати од чувството на човечка сомилост. Тој не го презрел нивното сочувство, туку тоа во Неговото срце разбудило уште подлабоко сочувство кон нив. „Ќерки ерусалимски,“ рекол Тој, „не плачете за Мене, туку плачете за себе и за своите деца”. Од сцената пред Него, Христос гледал кон времето на уништувањето на Ерусалим. Во тие страшни настани требало да пропаднат заедно со своите деца многумина од оние, кои сега плачеле по Него. {КВ 743.1}

Од разурнувањето на Ерусалим, Исусовите мисли преминале на еден поголем суд. Во пропаста на градот кој не сакал да се покае, Исус го видел симболот на конечна пропаст, која ќе го снајде светот. „Тогаш ќе почнат да им зборуваат на горите: Паднете врз нас! А на бреговите: Покријте не! Зошто, ако се постапува вака со зеленото дрво, што ќе биде со сувото?“ Со зеленото дрво Исус се прикажал Себеси, невиниот Откупител. Бог дозволил гневот заради престапот да падне врз Неговиот сакан Син. Христос морал да биде распнат поради гревот на луѓето. Какви страдања тогаш мора да поднесе грешникот кој продолжува да живее во грев? Сите оние кои нема да се покајат и не сакаат да веруваат, ќе доживеат жалост и беда, кои не можат да се опишат со зборови. {КВ 743.2}

Во мноштвото кое Го следело Спасителот до Голгота имало многумина кои Го дочекале со радосни извици на пофалба и мавтале со палмини гранчиња, кога триумфално јавајќи влегувал во Ерусалим. Но од многу усни, кои тогаш извикувале повици на пофалба, затоа што тогаш сите го правеле тоа, сега се разлевал извикот: „Распни Го, распни Го!“ Кога Христос влегувал во Ерусалим, надежите на Неговите ученици достигнале кулминација. Се туркале околу Својот Учител, знаејќи колкава чест е да се биде поврзан со Него. Сега, во Неговото понижување, Го следеле оддалеку. Биле исполнети со тага и биле скршени поради разачараните надежи. Колку се обистиниле Исусовите зборови: „Сите вие, уште оваа ноќ, ќе се соблазните поради Мене, зашто е напишано: Ќе го удрам пастирот и овците од стадото ќе се разбегаат”. (Матеј 26:31) {КВ 743.3}

Кога стигнале на губилиштето, ги врзале затворениците на орудијата за мачење. Двајцата разбојници се обидувале да се истргнат од рацете на оние кои ги ставале на крст; меѓутоа, Исус не пружал никаков отпор. Исусовата мајка, која Јован, саканиот Исусов учител, ја придружувал, Го следела својот Син до Голгота. Видела кога се онесвестил под товарот на крстот и сакала да Му ја придржи болно ранетата глава, да ја избрише потта од челото, кое некогаш почивало на нејзините гради. Меѓутоа, не и било дозволено тоа тажно предимство. Таа заедно со учениците сè уште се надевала дека Исус ќе ја манифестира Својата сила и ќе се ослободи од Своите непријатели. Меѓутоа, нејзиното срце се стегало од болка при сеќавањето на зборовите со кои Тој ги претскажал сцените што сега се случуваат. Додека ги врзувале злосторниците за крстот, Го набљудувала во мачно исчекување. Дали Оној, Кој воскреснувал мртви, ќе дозволи да Го распнат? Дали Божјиот Син ќе дозволи толку свирепо да Го убијат? Треба ли да се откаже од Својата вера во Него како Месија? Мора ли да биде сведок на Неговиот срам и болка, без некаква можност да Му помогне во Неговата мака? Ги видела Неговите раце раширени на крстот, видела кога донеле чекан и клинови. А кога клиновите го пробивале Неговото нежно тело, скршените ученици ја тргнале Исусовата мајка, која ја губела свеста, за да не ја гледа таа сурова сцена. {КВ 744.1}

Спасителот со ниту еден збор не мрморел, ниту се жалел. Лицето Му останало мирно и ведро, но на челото Му се појавиле крупни капки пот. Не се нашла ниту една милостива рака да ја избрише смртната пот од Неговото лице, не се слушнале зборови на сочувство и непоколеблива верност, кои би му дале поддршка на Неговото човечко срце. Додека војниците ја извршувале својата ужасна работа, Исус се молел за Своите непријатели: „Татко, прости им, зашто не знаат што прават”. Неговиот Дух преминал од сопствените страдања на гревот на Неговите прогонувачи и на ужасната казна, која ќе ги снајде. Не им упатил клетва на војниците, кои толку свирепо постапувале со Него. Никаква одмазда не била повикана над свештениците и поглаварите кои ликувале

затоа што ја остварале својата цел. Исус ги сожалувал заради нивното незнаење и вина. Само благо прошепотил молитва за да им се прости, „зашто не знаат што прават”. {КВ 744.2}

Кога би знаеле дека Го мачат Оној, Кој дошол да го спаси грешниот род од вечна пропаст, би ги обзело грижа на совеста и ужас. Меѓутоа, нивното незнаење не ја намалило нивната вина, бидејќи имале можност да Го запознаат и прифатат Исуса како свој Спасител. Некои од нив подоцна го сфатиле својот грев, се покајале и се обратиле. Некои не сакале да се покајат, па Христовата молитва за нив не можела да биде услишена. Меѓутоа, Божјиот план сепак го постигнал своето исполнување. Исус стекнал право да биде застапник на луѓето пред Таткото. {КВ 744.3}

Христовата молитва за Неговите непријатели го опфатила целиот свет. Го опфатила секој грешник, кој живеел или кој ќе живее, од почетокот до крајот на времето. На сите почива вина што Божјиот Син бил распнат. На сите им се нуди бесплатно простување. „Секој кој сака“ може да има мир со Бога и да наследи вечен живот. {КВ 745.1}

Кога Исус бил прикован, силни луѓе го подигнале крстот и со голема сила Го спуштиле на место подготвено за тоа. Тоа предизвикало најсилна болка за Божјиот Син. Потоа Пилат на еврејски, грчки и латински јазик напишал еден натпис и го ставил на крстот над Исусовата глава. на него пишувало: „Исус од Назарет, Царот на евреите”. Овој натпис ги разлутил Евреите. Во Пилатовата судница тие викале: „Распни Го!“ „Ние немаме друг цар освен ќесарот”. (Јован 19:15) Изјавувале дека предавник е секој што признава друг цар. Пилат го напишал она што тие го изразиле со својот став. Не бил споменат никаков престап, освен дека Исус е еврејски Цар. Тој натпис ја признавал поданичката покорност на Евреите кон римската сила. Тој покажувал дека секој кој за себе ќе тврди дека е Цар на Израел, тие ќе го осудат на смрт. Свештениците си напакостиле себеси. Кога ковале план како да Го убијат Исуса, Кајафа рекол дека е подобро еден човек да умре за да се спаси сиот народ. Сега се открило нивното лицемерие. За да Го уништат Христа, тие биле подготвени да го жртвуваат дури и опстанокот на својот народ. {КВ 745.2}

Сфаќајќи што направиле, свештениците побарале од Пилат да го измени натписот. Рекле: „Не пишувај ‘Цар Јудејски,’ туку дека Тој сам рече: ‘Јас сум Цар Јудејски’.“ Меѓутоа, Пилат, лут на самиот себе поради својата поранешна слабост и чувствувајќи одвратност кон љубоморните и лукавите свештеници и поглавари, студено одговорил: „Што напишав, напишав”. {КВ 745.3}

Една повозвишена сила од Пилат и од злите Евреи, одредила овој натпис да стои над Исусовата глава. Според Божјото провидение, тој требало да поттикне на размислување и проучување на Светото Писмо. Местото на кое Христос бил распнат се наоѓало во близина на градот. Тогаш, во Ерусалим престојувале илјадници луѓе од разни земји, па така натписот со кој Исус од Назарет бил прогласен за Месија ќе го привлече нивното внимание. Тоа била жива вистина, напишана од раката која ја водел Бог. {КВ 745.4}

Во Христовото страдање на крстот се исполнило пророштвото. Со векови пред распнувањето, Спасителот претскажал како ќе се постапува со Него. Тој рекол: „Ме опколија кучиња, Ме опкружи џган злосторнички. Ми ги прободоа рацете и нозете, можам да ги избројам сите Мои коски, а тие Ме гледаат и зјаат во Мене. Облеката Моја ја делат меѓу себе и за наметката моја фрлаат ждрепка”. (Псалм 22:16-18) Пророштвото што се однесувало на Неговата облека се остварило без совет или мешање на пријателите или непријателите на Распнатиот. Облеката им била дадена на војниците,

кои Го приковале на крстот. Христос слушнал како тие се караат додека ја делеле Неговата облека. Неговата наметка била исткаена без ниту еден раб и затоа рекле: „Да не ја кинеме, туку да фрлиме за неа ждрепка кому ќе му припадне". {КВ 746.1}

Во едно друго пророштво, Спасителот изјавил: „Подбивањето Ми го скрши срцето и се истоштив; чекав некој да Ме сожали, но не се најде; и некој да Ме утеши, но не го најдов. Ми дадоа жолчка да јадам и во жедта Моја Ме напоија со оцет". (Псалм 69:20, 21) На оние кои биле осудени на смрт на крст било дозволено да им се даде некое опојно средство за да се намали болката. Тоа му Го понудиле и на Христа, но Тој, откако вкусил, Тој го одбил тоа. Не сакал да земе ништо што би Му го поматило разумот. Неговата вера морала цврсто да се држи за Бога. Тоа била Неговата единствена сила. Да се дозволи умот да се помрачи, би значело да му се даде предност на сатаната. {КВ 746.2}

Додека Исус висел на крстот, Неговите непријатели го излевале својот гнев на Него. Свештениците, поглаварите и книжевниците му се придружиле на мноштвото кое Му се подбивало на Спасителот, Кој умирал. При Неговото крштевање и преобразување се слушнал Божји глас, Кој објавил дека Христос е негов Син. Повторно, непосредно пред Христос да биде предаден, Таткото проговорил, потврдувајќи ја Неговата божествена природа. Меѓутоа, сега не се слушал глас од небото. Не се слушнало никакво сведоштво во Негова полза. Целосно сам Го поднесувал малтретирањето и исмејувањето на безбожните луѓе. {КВ 746.3}

„Ако си Син Божји," рекле тие „слези од крстот". „Нека се спаси Самиот Себеси, ако е Тој Христос, Божји избраник". Во пустината на искушението, сатаната рекол: „Ако си Син Божји, кажи овие камења да станат лебови". „Ако си Син Божји, фрли се долу" од врвот на Храмот. (Матеј 4:3,6) Покрај крстот, во човечки облик бил присутен и сатаната со своите ангели. Сатаната и неговата војска соработувале со свештениците и поглаварите. Учителите на народот го поттикнале неукото мноштво против Христа, иако, многумина од нив никогаш не Го виделе сѐ до моментот кога ги повикале да сведочат против Него. Свештениците, поглаварите, фарисеите и закоравениот џган се соединиле во сатанска избезуменост. Верските поглавари, обединети со сатаната и неговите ангели, ги извршувале неговите налози. {КВ 746.4}

Исус во претсмртни маки го слушнал секој збор што го изговориле свештениците: „Спаси други, а Себеси не може да се спаси. Христос, Царот Израелев, нека слезе од крстот, за да видиме и да поверуваме". Христос можел да се симне од крстот, но Неговата мисија не била да се спасува Себеси, туку на грешникот да му даде надеж за простување и Божја наклонетост. {КВ 749.1}

Потсмевајќи Му се на Спасителот, луѓето кои се сметале како толкувачи на пророштвата ги повторувале токму оние зборови за кои Вдахновението претскажало дека ќе ги изговорат во оваа прилика. Меѓутоа, во тоа слепило не забележале дека го исполнуваат пророштвото. Оние, кои со презир и потсмев ги изговарале зборовите: „Се надеваше во Бога, нека Го избави сега ако навистина Му е по волја, зашто Самиот рече: 'Јас сум Син Божји'," не помислувале дека нивното сведоштво ќе одекнува низ вековите. Иако изговорени со презир, тие зборови ги навеле луѓето да го истражуваат Светото Писмо како никогаш порано. Мудрите луѓе слушнале, а потоа истражувале, размислувале и се молеле. Имало и такви, кои никако не можеле да се смират, сѐ додека со споредба на некои цитати не ја сфатиле смислата на Христовата мисија. Знаењето за Исуса никогаш не било толку широко распространето како тогаш, кога

висел на крстот. Светлината на вистината блеснала во срцата на многумина кои ја гледале сцената на распнување и ги слушнале Христовите зборови. {КВ 749.2}

Додека Исус во огромни маки висел на крстот, се појавил еден зрак на утеха. Тоа била молитвата на разбојникот што се каел. Разбојниците распнати со Исуса прво го навредувале, а еден во своите страдања станувал уште поочаен и подрзок. Но неговиот другар бил поинаков. Овој човек не бил закоравен злосторник, туку само бил заведен од лошо друштво и тој бил помалку виновен од многумина што стоеле покрај крстот и го навредувале Спасителот. Тој и порано Го видел и слушнал Исуса, па бил уверен во вистинитоста на Неговото учење, но свештениците и поглаварите го одвратиле од Него. Трудејќи се во себе да ја задуши новата светлина, тој сè подлабоко и подлабоко паѓал во грев, така што на крајот бил уапсен, обвинет како разбојник и осуден да умре на крстот. Тој бил со Исуса во судницата и на патот кон Голгота. Слушнал кога Пилат рекол: „Јас не наоѓам никаква вина кај Него". (Јован 19:4) Го забележал Неговото божествено држење и Неговото милостиво простување на Неговите мачители. Од крстот видел како многумина религиозни луѓе се натпреваруваат во подбивањето и навредувањето на Господа Исуса Христа. Тој видел како тие презриво мавтаат со главите. Слушнал како неговиот другар ги прифаќа зборовите на осуда: „Ако Ти си Христос, спаси се себеси и нас". Слушнал како многумина од минувачите Го бранат Исуса. Слушнал како тие ги повторуваат Неговите зборови и зборуваат за Неговите дела. Во него повторно се појавило осведочувањето дека тоа е Христос. Обраќајќи му се на другиот злосторник, рекол: „Зар не се боиш од Бога, кога и ти си исто така осуден?" Злосторниците пред смрт не морале повеќе да стравуваат од луѓето. Меѓутоа, кај едниот од нив се појавило убедување дека постои Бог од кого треба да се бои, иднина, пред која треперел, бидејќи историјата на неговиот живот, извалкана од грев, се ближела кон крајот. „Ние сме праведно осудени," рекол тој, „зашто примаме заслужена казна за она што сме го сториле. Но Овој не сторил никакво зло". {КВ 749.3}

Сега веќе немало прашања. Нема сомнежи, нема прекори. Кога бил осуден за своите лоши дела, злосторникот најнапред ја изгубил надежта и бил очаен, но сега му се појавиле необични, нежни мисли. Се сетил на сè што слушнал за Исуса, како ги лекувал болните и ги простувал гревовите. Ги слушнал зборовите на оние кои верувале во Исуса и плачејќи оделе по Него. Го видел и го прочитал натписот над главата на Спасителот. Слушнал како минувачите го повторуваат, некои во жалост со треперливи усни, а други во шеги и подбивање. Светиот Дух го осветлувал неговиот ум и малку по малку синџирот на докази се поврзал. Во ранетиот, исмеван и прикован Исус на крст, тој го видел Божјото Јагне, Кое на Себе ги зема гревовите на светот. Со глас кој истовремено изразувал надеж и болка, оваа беспомошна душа, која била пред смрт му се доверила на Спасителот: „Сети се на мене, Господи" рекол тој, „кога ќе дојдеш во Твоето царство". {КВ 750.1}

Одговорот бргу дошол. Гласот бил мек и милозвучен, а зборовите полни со љубов, сожалување и сила: „Вистина ти велам денес, ќе бидеш со Мене во рајот". {КВ 750.2}

Во текот на долгите часови на агонија, до Исусовите уши допирале зборови на навреда и потсмев. Додека висел на крстот, до Него сè уште допирале звуци на потсмев и пцости. Со копнеж во срцето очекувал некој израз на вера од Своите ученици, но Ги слушнал само тажните зборови: „А ние се надевавме дека Тој е Оној што треба да го ослободи Израел". Колку благодарен бил Спасителот за изразот на вера и љубов од разбојникот кој умирал! Додека водачите на еврејскиот народ се откажувале од Него, па дури и учениците се сомневале во Неговата божествена природа, сиротиот

разбојник, на работ на вечноста, го нарекува Исуса Господ. Многумина биле подготвени да Го наречат Господ додека правел чуда и подоцна, кога воскреснал од гробот, но никој не Го признавал додека умирал висејќи на крстот, освен покајаниот разбојник, кој бил спасен во единаесеттиот час. {КВ 750.3}

Посматрачите слушнале како разбојникот Го нарекол Исуса Господ. Нивното внимание го привлекол тонот со кој покајникот го кажал тоа. Оние, кои во подножјето на крстот се расправале околу Христовата облека и кои фрлале ждрепка за Неговата наметка, застанале да слушаат. Нивните гневни гласови замолкнале. Со воздржан здив Го набљудувале Христа и очекувале одговор од тие усни што умираат. {КВ 751.1}

Додека Христос ги изговарал зборовите на ветување, еден блескав и жив зрак се пробил низ облакот со кој бил обвиткан крстот. Разбојникот што се покајал стекнал совршен мир, бидејќи Бог го прифатил. Христос се прославил во Своето понижување. Тој бил Победник, иако во очите на сите останати изгледал како победен. Бил признат како Оној, Кој ги земал на Себе гревовите на светот. Луѓето можат да имаат власт над Неговото човечко тело. Можат да Ги ранат Неговите свети слепоочници со трнов венец. Можат да му ја соблечат облеката и да се препираат околу неа. Меѓутоа, не можат да му ја одземат моќта да простува гревови. Умирајќи, Тој сведочел за сопственото божество и за славата на Својот Татко. Неговото уво не отежнало за да не може да слушне, ниту Неговата рака се скусила за да не може да спаси. Негово царско право е целосно да ги спаси оние кои преку Него доаѓаат кај Бога. {КВ 751.2}

„Вистина ти велам денес, ќе бидеш со Мене во рајот". Христос не му ветил на разбојникот дека токму тој ден ќе биде со Него во рајот. И самиот Тој не заминал истиот ден во рајот. Тој спиел во гробот, а она утро, кога воскреснал, изјавил: „Сè уште не се вознесов кај Мојот Татко". (Јован 20:17) Меѓутоа, на денот на распнувањето, на денот на привидниот пораз и темнина, било дадено ветувањето. „Денес," додека умира на крст како злосторник, Христос уверува еден сирот грешник: „Ќе бидеш со Мене во рајот". {КВ 751.3}

Разбојниците распнати со Исуса биле поставени „од едната и од другата страна, а Исус во средината". Тоа е направено според упатството на свештениците и поглаварите, Христовата положба меѓу двајца злосторници требала да покаже дека Тој е најголем злосторник од сите тројца. Така се исполнило пророштвото: „Тој беше вброен меѓу злодејци". (Исаија 53:12) Меѓутоа, свештениците не ја сфатиле целосно смислата на својата постапка. Како што Христос, распнат со разбојниците, бил „во средината," така Неговиот крст бил поставен сред светот што лежи во грев. А зборовите на простување, упатени на разбојникот што се каел, запалиле светлина, која ќе блесне до најдалечните краеви на Земјата. {КВ 751.4}

Ангелите со воодушевување ја набљудувале бескрајната љубов на Спасителот, Кој иако се наоѓал во најтешки телесни и душевни маки, мислел само на другите и ја поттикнувал душата што се кае да верува. Во Своето понижување, Тој како пророк им се обратил на ерусалимските ќерки, како свештеник и застапник се заземал кај Таткото да им прости на Неговите убијци, како Спасител полн со љубов ги простил гревовите на злосторникот кој се покајал. {КВ 752.1}

Додека со поглед минувал низ мноштвото кое го опкружувало, една прилика го привлекла Неговото внимание. Во подножјето на крстот стоела Неговата мајка, потпирајќи се на ученикот Јован. Таа не можела да издржи да остане далеку од Својот Син, и Јован, знаејќи дека крајот е близу, повторно ја довел до крстот. Во претсмртниот час, Христос се сетил на Својата мајка. Набљудувајќи го нејзиното од болка измачено

лице, а потоа и Јован, Тој и рекол: „Жено, еве ти син!“ Потоа му се обратил на Јован: „Еве ти мајка!“ Јован ги сфатил Христовите зборови и ја прифатил таа доверба. Веднаш ја одвел Марија во својот дом и од тој момент нежно се грижел за неа. О, колку милостив и полн со љубов Спасител; среде сите телесни и душевни страдања, Тој се грижел за Својата мајка! Тој немал пари за да и обезбеди удобен живот, но престојувал во Јовановото срце и затоа му ја предал Својата мајка како драгоцено наследство. Така и го дал она што и е најпотребно нежна љубов на оној кој ја љубел, затоа што таа Го љубела Исуса. Прифаќајќи ја како света доверба, Јован примил голем благослов. Таа постојано го потсетувала на неговиот сакан Учител. {КВ 752.2}

Совршениот пример на Христовата љубов кон мајката блеска со светлина, која маглата низ вековите не можела да ја замрачи. Во текот на речиси триесет години Христос со Својата секојдневна работа придонел да и се олеснат товарите на домашниот живот. Дури и сега, во Своите последни претсмртни маки, Тој се сетил да се погрижи за својата ожалостена, мајка, вдовица. Секој ученик на нашиот Господ ќе манифестира таков дух. Христовите следбеници ќе сметаат дека почитувањето на родителите и грижата за нив е составен дел од нивната вера. Од срцето во кое се негува Христова љубов, таткото и мајката никогаш нема да престанат да примаат грижа и нежно сочувство. {КВ 752.3}

Сега Господ на славата умирал како откуп за човечкиот род. Победоносната радост не Го поддржувала Христа додека го принесувал на жртва Својот драгоцен живот. Го обвиткувала и притискала темнина. Не го оптоварувал стравот од смртта. Маките и срамниот крст не биле причина за Неговата неискажана агонија. Тој бил најголем маченик; но Неговата болка произлегувала од тоа што знаел колку гревот е страшен и колку човекот во допир со злото станал слеп за одвратноста на гревот. Христос видел колку гревот има цврсто упориште во човечкото срце, колку е мал бројот на оние кои се подготвени да ја скршат неговата моќ. Знаел дека без Божја помош, човештвото мора да пропадне и видел како илјадници и илјадници пропаѓаат на дофат на изобилната помош. {КВ 752.4}

Беззаконијата на сите нас се ставени на Христа, како на наша замена и наша гаранција. Тој бил сметан за престапник, за да не откупи од осудата на законот. Вината на сите Адамови потомци Го притискала Неговото срце. Божјиот гнев заради гревот, страшните знаци на Божјото негодување заради беззаконието ја исполнувале со ужас душата на Неговиот Син. Целиот Свој живот Христос му ја објавувал на грешниот свет добрата вест за Татковата милост и љубов која простува. Спасение за најголемиот грешник била тема на Неговите поучувања. Меѓутоа, сега, под ужасното бреме на вината што ја носел, не можел да го види благонаклоното Татково лице. Повлекувањето на божественото лице од Спасителот во овој час на најголеми маки, го пробило Неговото срце со болка која човекот никогаш целосно нема да ја сфати. Таа болка била толку голема, што Спасителот едвај ги чувствувал Своите телесни маки. {КВ 753.1}

Сатаната со своите жестоки искушенија навалувал на Исусовото срце. Спасителот не можел да го види она што е зад гробот. Надежта не Му зборувала дека ќе излезе од гробот како Победник, ниту за тоа дека Таткото ја примил жртвата. Тој се плашел од помислата дека гревот му е толку одвратен на Бога, па дека нивната разделба ќе биде вечна. Христос ја чувствувал онаа душевна мака, која ќе ја почувствува грешникот, кога милоста веќе нема да се залага за грешниот човечки род. Свеста за гревот кој го навлекол Божјиот гнев на Него како замена за човекот, било она што ја направила толку горчлива чашата која ја пиел и која го скршила срцето на Божјиот Син. {КВ 753.2}

Ангелите со вчудовидување ги набљудувале страшните маки на Спасителот. Небесните војски ги засолниле своите лица од таа ужасна сцена. Неживата природа сочувствувала со својот навреден Творец, Кој умирал. Сонцето не сакало да ја осветли таа ужасна сцена. Неговите силни, блескави зраци, кои ја осветлувале земјата на пладне, одеднаш како да исчезнале. Крстот го обвиткала целосна темнина, како мртовечки покрив. „Настана темнина на сета земја до деветтиот час". Причина за оваа темнина, која била густа како полноќна темнина без месечина и ѕвезди, не било помрачувањето на Сонцето, ниту некоја друга природна појава. Тоа било чудесно сведоштво кое го дал Бог за да се утврди верата на подоцнежните поколенија. {КВ 753.3}

Во таа густа темнина било скриено Божјото присуство. Темнината била Негово засолниште во кое Тој ја криел Својата слава од очите на луѓето. Бог и Неговите свети ангели биле покрај крстот. Таткото бил со Својот Син. Сепак, Неговото присуство не било откриено. Кога Неговата слава би блеснала од облакот, би биле уништени сите посматрачи. Така, во тој ужасен момент на Христа не можела да Му биде пружена утехата од Татковото присуство. Сам морал да гази во кацата и никој од луѓето не бил со Него. {КВ 753.4}

Бог со густа темнина ја обвиткал последната човечка агонија на Својот Син. Сите оние, кои го виделе Христовото страдање, биле уверени во Неговото божество. Тоа лице, кога еднаш ќе Го здогледаат човечките очи, никогаш не може да биде заборавено. Како што лицето на Каин ја изразувало неговата вина за убиство, така Христовото лице изразувало невиност, спокојство и добрина Божјиот лик. Меѓутоа, Неговите тужители не обрнувале внимание на тој небесен печат. Мноштво подбивачи со часови ја набљудувале Христовата агонија. Сега Божјата наметка милостиво Го сокрила од нивните погледи. {КВ 754.1}

Над Голгота се спуштила гробна тишина. Неискажан ужас го зафатило мноштвото кое се собрало околу крстот. Клетвите и навредите одеднаш замреле на нивните усни. Мажи, жени и деца паднале ничкум на земјата. Од облакот повремено би блеснале остри молњи, осветлувајќи го крстот и распнатиот Спасител. Свештениците, поглаварите, книжевниците, џелатите и џганот сите мислеле дека часот за одмазда кон нив настапил. По извесно време некои почнале да шепотат дека Исус сега ќе се симне од крстот. Други се обиделе во темнина да го најдат патот за назад до градот, удирајќи се во градите и пискајќи од страв. {КВ 754.2}

Во девет часот темнината се повлекла од народот, но сѐ уште го обвиткувала Спасителот. Тоа бил симбол на агонијата и ужасот кои Го притискале Неговото лице. Ниту еден поглед не можел да се пробие низ темнината која го обвиткувала крстот и ниту едно око не можело да продре во уште подлабоката темнина, која ја обвиткувала Христовата душа, која страдала. Изгледало како острите молњи да биле насочени кон Него, додека висел на крстот. Тогаш „Исус извикал со силен глас, велејќи: Елои, Елои, лама савахтани?" „Боже Мој, Боже Мој, зошто Ме остави?" Кога најдлабокиот мрак Го обвиткал Спасителот, многу гласови повикале: Небото му се одмаздува. Врз Него се урнаа громови на Божјиот гнев затоа што тврдеше дека е Божји Син. Многумина кои верувале во него, го слушнале Неговиот очаен извик и надежта ги напуштила. Ако Бог го напуштил Исуса, во што тогаш може да имаат доверба Неговите следбеници? {КВ 754.3}

Кога темнината се подигнала од потиштениот Христов дух, Тој станал свесен за Своите телесни страдања и рекол: „Жеден сум". Еден римски војник трогнат од

сочувство кога ги видел Неговите суви усни, земал сунѓер, го закачил на трска, го намокрил во сад со оцет и Му го понудил на Исуса. Но свештениците се потсмевале на Неговата агонија. Кога темнина ја покрила земјата, ги обзел страв; сега кога мракот попуштил, повторно се исплашиле дека Исус можеби ќе им побегне. Неговите зборови „Елои, Елои, лама савахтани?“, тие погрешно ги протолкувале. Со огорченост, презир и потсмев тие рекле: „Овој го вика Илија”. Ја отфрлиле и последната можност која им се нудела за да Му ги олеснат страдањата. Тие зборувале: „Застанете, да видиме дали Илија ќе дојде да Му помогне”. {КВ 754.4}

Безгрешниот Божји Син висел на крстот; Неговото тело било расечено од камшикувањето; Неговите раце кои толку често биле испружени за да благословуваат, биле приковани за дрвениот крст; Неговите нозе, толку неуморни додека ја извршувал Својата служба на љубов, биле исто така приковани; таа царска глава била ранета од круната од трња; од тие треперливи усни допирала болна воздишка. Сето ова што Тој го поднел крвта која се слевала од Неговата глава, Неговите раце и нозе, страдањата кои го кршеле Неговото тело, неискажаниот душевен страв кој ја исполнил Неговата душа, кога лицето на Неговиот Татко се скрило од Него сето тоа му зборува на секое дете на човештвото, објавувајќи: „Заради тебе Божјиот Син се согласил да го понесе товарот на вината, поради тебе го разрушил царството на смртта и ја отворил вратата на рајот. Оној, Кој ги стивнал бесните бранови и одел по пенливите бранови, од кого ѓаволите трепереле, а болестите бегале, Кој на слепите им ги отворал очите и ги враќал мртвите во живот се принел Себеси како жртва на крстот и тоа од љубов кон тебе. Тој, Носителот на Гревот, го поднел гневот на божествената правда и поради тебе самиот станал грев”. {КВ 755.1}

Присутните немо го набљудувале крајот на таа ужасна сцена. Сонцето блескало, но крстот сè уште бил обвиткан во темнина. Свештениците и поглаварите се свртеле кон Ерусалим и виделе како густ облак се надвил над градот и низините на Јудеја. Сонцето на Праведноста, Светлината на светот ги повлекла Своите зраци од некогаш избраниот град Ерусалим. Жестоките молњи на Божјиот гнев биле насочени против осудениот град. {КВ 756.1}

Одненадеж темнината се подигнала од крстот и со јасен, трубен глас Исус извикал: „Се сврши”. „Татко, во Твои раце Го предавам Својот Дух”. Светлина го обвиткала крстот, а лицето на Спасителот блеснало со слава како сонце. Потоа ја спуштил главата на градите и умрел. {КВ 756.2}

Среде страшната темнина, привидно напуштен од Бога, Христос ги испил последните капки од чашата на човечката болка. Во тие ужасни часови Тој се потпирал на доказите кои Таткото дотогаш му ги дал за тоа дека Го прифаќа. Тој го познавал карактерот на Својот Татко. Ја разбирал Неговата правда, милост и Неговата голема љубов. Со вера се потпирал на Бога, Кого секогаш со радост го слушал. Кога покорно се предал на Бога, исчезнало она чувство дека ја изгубил наклонетоста на Таткото. Со вера, Христос бил победник. {КВ 756.3}

Никогаш порано Земјата не била сведок на таква сцена. Мноштвото стоело како стаписано и без здив Го набљудувало Спасителот. Темнина повторно се спуштила на земјата и се слушнал засипнат татнеж како силна грмотевица. Настапил жесток земјотрес. Луѓето од потресот паѓале еден преку друг. Настанала страшна збрка и запрепастување. Распарчените камења од околните планини со тресок се уривале во долините. Гробниците се отворале и мртвите биле исфрлани од своите гробови. Изгледало дека сè што е создадено ќе се распадне во атоми. Свештениците,

поглаварите, војниците, џелатите и народот неми од ужас лежеле ничкум на земјата. {КВ 756.4}

Кога Христос гласно извикал: „Се сврши,“ свештениците имале служба во храмот. Тоа бил момент на вечерна жртва. Јагнето кое го претставувало Христа требало да биде заклано. Облечен во својата симболична и прекрасна облека, свештеникот стоел со подигнат нож, како што направил Авраам, кога се подготвил да го заколе својот син. Народот набљудувал со најголемо внимание. Меѓутоа, земјата се тресела и треперела, бидејќи Сам Господ се приближувал. Со звук на целење, една невидлива рака ја раскинала внатрешната завеса на храмот од горе до долу, изложувајќи го пред очите на мноштвото местото кое некогаш било исполнето со Божјо присуство. На тоа место пребивала Божјата видлива слава. Тука Бог ја манифестирал Својата слава над поклопецот на милоста. Само првосвештеникот и никој друг смеел да ја подигне завесата што ја одвојувала таа просторија од останатиот дел на храмот. Тука тој влегувал еднаш годишно за да изврши очистување за гревовите на народот. Сега таа завеса била раскината на два дела. Најсветото место во земното светилиште веќе не било свето. {КВ 756.5}

Завладеал ужас и збрка. Свештеникот се подготвувал да ја заколе жртвата, но ножот паднал од неговата изнемоштена рака, а Јагнето побегнало. Симболот нашол свое остварување во смртта на Божјиот Син. Била принесена големата жртва. Отворен е патот во светињата над светињите. За сите е подготвен нов и жив пат. Грешното и тажно човештво веќе не мора да чека на доаѓањето на првосвештеникот. Отсега Спасителот ќе служи како свештеник и застапник во Небото над небесата. Се чинело како некој жив глас да им прозборел на верниците: „Сега им дојде крај на сите жртви за грев. Божјиот Син дојде според Својата Реч: ‘Еве, Доаѓам за Мене е напишано во Книгата да ја вршам Твојата волја, О Боже’”. „Со Својата крв“ Тој влегол „еднаш во светињата, и ни прибави вечен откуп”. (Евреите 10:7; 9:12) {КВ 757.1}

79. „СЕ СВРШИ"

Оваа поглавје е засновано на Матеј 27:31-53; Марко 15:20-38; Лука 23:26-46; Јован 19:16- 30.

Христос не Го предал Својот живот сè додека не Го завршил делото заради кое дошол, а тогаш во Својот последен здив извикал: „Се сврши”. (Јован 19:30) Битката била добиена. Неговата десница и света рака му донела победа. Тој како Победник го истакнал Своето знаме на вечните висини. Зар меѓу ангелите немало радост? Цело Небо ликувало поради победата на Спасителот. Сатаната бил поразен и знаел дека Неговото царство е загубено. {КВ 758.1}

За ангелите и безгрешните светови, зборовите „Се сврши“ имале длабоко значење. Заради нив, како и заради нас било извршено големото дело на откуп. Тие заедно со нас ги уживаат плодовите на Христовата победа. {КВ 758.2}

Сè до Христовата смрт, карактерот на сатаната не им бил јасно откриен на ангелите и безгрешните светови. Архиотпадникот толку се служел со измами, што дури ниту светите суштества не ги разбирале неговите побуди. Тие целосно не ја сфаќале природата на неговата побуна. {КВ 758.3}

Против Бога се побунило суштество кое имало чудесна сила и слава. Господ кажал за Луцифер: „Ти беше печат на совршенството, полн со мудрост и чудесно убав”. (Езекиел 28:12) Луцифер бил херувим засолнувач. Престојувал во светлината на Божјото лице. Тој бил најголем од сите создадени суштества и бил најистакнат во откривањето на Божјата намера на вселената. Кога се побунил, неговата моќ да измамува станала уште поголема, а неговиот карактер уште потешко можел да се разоткрие, бидејќи заземал висока положба кај Таткото. {КВ 758.4}

Бог можел да го уништи сатаната и неговите приврзаници толку лесно, како кога човек фрла некое камче, но Тој не го направил тоа. Бунтот не требало да се совлада по пат на примена на сила. Принуда постои само под сатанската власт. Господовите начела не се од таков вид. Неговата власт се заснова на добрина, милост и љубов и токму манифестирањето на тие особини е средство кое треба да се искористи. Божјото владеење е морално, а вистината и љубовта треба да бидат сила што преовладува. {КВ 759.1}

Божјата цел била сè да се постави на темел на вечна безбедност и затоа во небесниот совет бил одлучено да му се остави време на сатаната за да ги развие начелата кои претставуваат темел на неговиот систем на владеење. Тој тврдел дека неговите начела се посупериорни од Божјите. На сатанските начела им е дадено време да се развиваат, за да може целата вселена да ги согледа. {КВ 759.2}

Сатаната ги навел луѓето на грев и тогаш планот на спасението бил ставен во функција. Четири илјади години Христос работел за издигнување на човекот, а сатаната на негово рушење и деградирање. Сето тоа го набљудувала небесната вселена. {КВ 759.3}

Кога Исус дошол на светот, сатанската сила се свртела против Него. Уште од моментот кога Исус се појавил како мало дете во Витлеем, бунтовникот работел на тоа да го предизвика Неговото уништување. Тој се трудел на сите можни начини да го спречи Исуса во развивање на совршено детство, безгрешна зрелост, света служба и жртва без мана. Меѓутоа, доживеал пораз. Тој не успеал да го наведе Исуса на грев. Не можел да Го обесхрабри, ниту да го одврати од делото заради кое дошол на Земјата. Од пустината па до Голгота, бурата на сатанскиот гнев навалувала на Исуса, но колку што бурата станувала понемилосрдна, толку поцврсто Божјиот Син ја држел раката на Својот Татко и порешително продолжувал по патеката попрскана со крв. Сите напори на сатаната да го потчини и совлада Исуса, овозможувале Исусовиот беспрекорен карактер да блеска со уште почиста светлина. {КВ 759.4}

Цело Небо и сите безгрешни светови биле сведоци на таа борба. Со какво внимание ги следеле завршните сцени на судирот! Виделе кога Спасителот влегол во Гетсиманската градина и како душата му била притисната од ужасот на голема темнина. Го слушнале Неговиот извик: „Татко, ако е можно, нека Ме одмине оваа чаша”. (Матеј 26:39) Кога Таткото се повлекол, го виделе во жалосна горчина на болката, која ја надминувала онаа од последната голема борба со смртта. Крвави капки пот избивале од Неговите пори и капеле на земјата. Три пати Неговите усни изговориле молитва за избавување. Небото веќе не можело да ја издржи таа сцена и на Божјиот Син му бил упатен гласник на утеха. {КВ 759.5}

Небото видело како Жртвата била предадена во рацете на убиственото мноштво и како со потсмев и насилство ја водат од еден суд до друг. Слушнало како прогонителите му се потсмеваат поради Неговото скромно потекло. Слушнало како еден од Неговите омилени ученици се одрекува од Него со клетва и заколнување. Го видело гневното

сатанско дело и неговата моќ над срцата на луѓето. Каква ужасна сцена! Христос, фатен на полноќ во Гетсиманската градина, влечен ваму таму од палатата до судницата, двапати изведуван пред свештениците, двапати пред Синедрионот, двапати пред Пилат и еднаш пред Ирод, исмеван, шибан, осуден и изведен да биде распнат, носејќи го тешкиот товар на крстот, среде плачот на ерусалимските ќерки и подбивањето на толпата. {КВ 760.1}

Небото со болка и чудење набљудувало како Христос виси на крстот, како крвта тече од Неговите ранети слепоочници, како крупни капки пот обоени со крв го облеваат Неговото чело. Од Неговите раце и нозе крвта во капки се слевала на карпата издлабена за подножје на крстот. Се ширеле раните од клиновите на Неговите раце, затоа што тежината на Неговото тело сега почивало на рацете. Неговото отежнато дишење станувало сè побрзо, затоа што Неговата душа страдала под товарот на гревовите на светот. Цело небо се восхитило кога Христос сред Своите ужасни маки ја упатил молитвата: „Татко, прости им, зашто не знаат што прават". (Лука 23:24) Но сепак тука стоеле луѓе, создадени според Божјиот лик, кои се здружиле да го уништат животот на Неговиот Единороден Син. Каква сцена било тоа за небесната вселена! {КВ 760.2}

Поглаварствата и властите на темнината се собрале околу крстот, фрлајќи пеколна сенка на неверие во срцето на луѓето. Кога Господ ги создал тие суштества да стојат пред Неговиот престол, тие биле прекрасни и славни. Нивната убавина и нивната светост била во склад со нивната возвишена положба. Тие биле збогатени со Божја мудрост и биле опремени со сето небесно оружје. Тоа биле Господови слуги. Меѓутоа, кој би можел во паднатите ангели да го препознае славниот серафим, кој некогаш служел во небесните дворови? {КВ 760.3}

Сатанските сили здружени со злите луѓе го поттикнувале народот да верува дека Христос е најголем грешник и дека затоа треба да го презираат. Оние што Му се потсмевале на Христа, Кој бил распнат на крст, биле проникнати со духот на првиот бунтовник. Тој ги исполнил со грди и одвратни зборови. Тој ги поттикнувал нивните навреди. Но од сето ова не добил ништо. {КВ 760.4}

Кога во Христа би можел да се најде барем еден грев, кога во најмала ситница би му попуштил на сатаната за да ги избегне ужасните маки непријателот на Бога и на човекот би триумфирал. Христос ја спуштил главата и починал, но цврсто се држел за својата вера и покорност на Бога. „И чув силен глас на небото како зборува: Сега настапи спасението, силата и царството на нашиот Бог и власта на неговиот Христос, зашто е исфрлен клеветникот на нашите браќа кој ги клеветеше дење и ноќе пред нашиот Бог". (Откровение 12:10) {КВ 761.1}

Сатаната сфатил дека неговата маска е разоткриена. Неговото владеење било откриено пред безгрешните ангели и пред небесната вселена. Тој се покажал како убиец. Пролевајќи ја крвта на Божјиот Син, сатаната конечно ја загубил секоја наклоност на небесните суштества. Од тогаш неговото делување е ограничено. Каков став и да заземел, веќе не можел да ги дочекува ангелите кога доаѓаат од небесните дворови и пред нив да ги обвинува Христовите браќа дека се облечени во облеки на црнило, осквернети од гревот. Прекината била и последната алка на наклонетост помеѓу сатаната и небесниот свет. {КВ 761.2}

Сепак, сатаната не бил уништен. Ангелите ниту тогаш не сфатиле што сè е опфатено во оваа голема борба. Уште поцелосно требало да се откријат начелата за кои станува збор. Заради човекот постоењето на сатаната морало да се продолжи. И луѓето и

ангелите треба да ја увидат разликата помеѓу Кнезот на светлината и кнезот на темнината. Човекот мора да одлучи кому ќе му служи. {КВ 761.3}

На почетокот на големата борба сатаната тврдел дека Божјиот закон не може да се држи, дека правдата не е во склад со милоста и дека на грешникот не може да му се прости доколку го прекрши законот. За секој грев мора да следи казна тврдел сатаната; и кога Бог би пропуштил да го казни гревот, Тој не би бил Бог на вистината и правдата. Сатаната ликувал кога луѓето го кршеле Божјиот закон и кога постапувале спротивно на Неговата волја. Тој изјавил оти е докажано дека луѓето не можат да му се покоруваат на законот, дека не може да им се прости. Бидејќи и по својот бунт бил прогонет од небото, упорно тврдел дека и човечкиот род мора засекогаш да биде исклучен од Божјата милост. Бог не може да биде праведен, истакнувал сатаната и истовремено да манифестира љубов кон грешникот. {КВ 761.4}

Меѓутоа, иако човекот бил грешник, неговата положба се разликувала од положбата на сатаната. Луцифер на небото згрешил во светлината на Божјата слава. Нему, како и на други создадени суштества, им било дадено откровението на Божјата љубов. Иако го сфаќал Божјиот карактер и ја познавал Неговата добрина, сатаната одлучил да постапува според сопствената себична, независна волја. Тој избор бил конечен. Бог веќе не можел да направи ништо за да го спаси. Меѓутоа, човекот е измамен, а неговиот ум замрачен од сатанските лаги. Тој не ја познавал височината и длабочината на Божјата љубов. За него постоела надеж во познавањето на Божјата љубов. Тој можел да се врати кај Бога со набљудување на Неговиот карактер. {КВ 761.5}

Преку Исуса, Божјата милост им се открила на луѓето, но таа не ја укинала правдата. Законот ги открива својствата на Божјиот карактер и ниту најмала ситница во него не може да се измени поради грешниот човек. Бог не го променил Својот закон, туку се жртвувал Себеси во Христа за да го откупи човекот. „Бог го помири светот со Себе во Христа". (2. Коринтјаните 5:19) {КВ 762.1}

Законот бара праведност праведен живот, совршен карактер а човекот не е во состојба да го даде тоа. Тој не може да удоволи на барањата на Божјиот свет закон. Меѓутоа, Христос, Доаѓајќи на Земјата како човек, живеел свет живот и изградил совршен карактер. Тој го нуди тоа како бесплатен дар на сите што сакаат да го примат. Неговиот живот е замена за животот на луѓето. Така, благодарение на Божјото трпение, тие добиваат простување за минатите гревови. Повеќе од тоа, Христос ги исполнува луѓето со Божји особини. Тој изградува човечки карактер според божествениот, ускладувајќи ја духовната сила и убавина. Така, во оној што верува во Христа се исполнува праведноста на законот. Така, Бог може да биде „праведен и да го оправдува оној што верува во Исуса". (Римјаните 3:26) {КВ 762.2}

Божјата љубов се изразува во Неговата правда исто толку колку и во Неговата милост. Правдата е основа на Неговиот престол и плод на Неговата љубов. Сатаната сакал да ја одвои милоста од вистината и правдата. Сакал да докаже дека праведноста на Божјиот закон е непријател на мирот. Меѓутоа, Христос покажал дека тие во Божјиот план се неразделно поврзани и дека едното не може да постои без другото. „Милоста и вистината ќе се сретнат; праведноста и мирот ќе се бакнат". (Псалм 85:10) {КВ 762.3}

Со Својот живот и со Својата смрт Христос докажал дека Божјата правда не ја уништува Неговата милост, туку дека гревот може да биде простен, дека законот е праведен и дека тој во потполност може да се држи. Биле отфрлени сатанските обвинувања. Бог му дал на човекот несоборлив доказ за Својата љубов. {КВ 762.4}

Сега требало да се појави една нова измама. Сега сатаната тврди дека милоста ја уништила правдата, дека Христовата смрт го укинала Татковиот закон. Кога би било можно да се промени или укине законот, Христос не би морал да умре. Меѓутоа, укинувањето на законот би значело овековечување на престапот и ставање на светот под власт на сатаната. Христос бил издигнат на крстот токму затоа што законот е непроменлив, зашто човекот може да се спаси единствено покорувајќи се на Неговите одредби. Тие средства, со чија помош Христос го воспоставил законот, сатаната ги прикажал како средства кои го уништуваат. Токму на тоа подрачје ќе дојде до последен судир во големата борба помеѓу Христа и сатаната. {КВ 762.5}

Сега сатаната истапува со тврдење дека законот што го објавил Бог со Својот глас е погрешен; дека некои негови одредби се укинати. Тоа е последната голема измама, која тој ќе му ја понуди на светот. Тој нема потреба да го напаѓа целиот закон; целта ќе ја постигне дури и ако ги наведе луѓето да не почитуваат само еден пропис. Зашто, „оној што го држи целиот закон, а ќе згреши само во едно, виновен е за сè". (Јаков 2:10) Луѓето потпаѓаат под сатанската власт прифаќајќи да престапат една заповед. Сатаната ќе се труди да завладее со светот, заменувајќи го Божјиот закон со човечки. Тоа дело е претскажано и во пророштвата. За големата отпадничка сила, која е претставник на сатаната се вели: „Тој ќе зборува големи зборови против Севишниот, ќе ги угнетува светиите на Севишниот и ќе помислува да ги измени времињата и законите и светиите ќе бидат предадени во неговите раце". (Даниел 7:25) {КВ 763.1}

Луѓето сигурно ќе воспоставуваат свои закони за да делуваат наспроти Божјите закони. Ќе настојуваат да ја присилат совеста на другите и во својата ревност да ги наметнат тие закони, ќе ги угнетуваат своите ближни. {КВ 763.2}

Борбата против Божјиот закон, која започнала на небото, ќе продолжи сè до крајот на времето. Секој човек ќе биде ставен на тест. Послушност или непослушност е прашање за кое треба да се одлучи светот. Сите ќе бидат повикани да изберат помеѓу Божјиот закон и човечките закони. Тука ќе се повлече линија на одвојување. Ќе има само две класи на луѓе. Секој карактер ќе биде целосно развиен и секој ќе покаже дали се определил за послушност или за бунт. {КВ 763.3}

Тогаш ќе дојде крајот. Бог ќе го оправда Својот закон и ќе го ослободи Својот народ. Сатаната ќе биде уништен, а со него и сите оние кои му се придружиле во бунтот. Ќе биде уништен и гревот и грешниците, коренот и гранките (Малахија 4:1) сатаната како корен, а неговите следбеници како гранки. Ќе се исполни Речта упатена кон кнезот на злото: „Бидејќи своето срце го изедначи со Божјото... ќе те уништам херувиме засолнувач, од средината на огнените камења... ти ќе станеш за ужас и нема да те има повеќе". Потоа „грешникот нема да постои; ќе го бараш неговото место, а него ќе го нема повеќе;" „тие ќе бидат како никогаш да не биле". (Езекиел 28:6-19; Псалм 37:10; Авдија 16) {КВ 763.4}

Тоа не е никаков акт на самоволие од Божја страна. Оние, кои ја отфрлиле Неговата милост, го жнеат она што го посеале. Бог е извор на животот и кога човекот ќе одлучи да му служи на гревот, се одвојува од Бога и така сам себеси се лишува од животот. Тој е „отуѓен од Божјиот живот". Христос вели: „Сите што Ме мразат Мене, ја љубат смртта". (Ефесјаните 4:18; Изреки 8:36) Бог дозволува извесен период да живеат, за да можат да го развијат својот карактер и да ги откријат своите начела. Кога тоа време ќе истече, тие примаат плодови на својот избор. Преку живот на побуна, сатаната и сите што се обединуваат со него, се стваат себеси во таква несообразност со Бога, што и самото

Негово присуство за нив е оган кој запалува. Нив ги уништува славата на Оној, Кој е љубов. {КВ 764.1}

На почетокот на големата борба ангелите не го сфатиле тоа. Кога сатаната и неговата војска би биле препуштени да ги жнеат последиците на својот грев, тие би пропаднале; но за небесните суштества не би изгледало дека тоа е неизбежна последица на гревот. Сомнежот во Божјата добрина би останала во нивниот ум како зло семе, кое би го донело својот смртоносен плод на грев и несреќа. {КВ 764.2}

Меѓутоа, тоа нема да биде така кога ќе заврши големата борба. Кога планот на спасението ќе биде завршен, Божјиот карактер ќе се открие на сите разумни созданија. Тогаш ќе се види дека одредбите на Неговиот закон се совршени и непроменливи. Тогаш гревот ќе ја покаже својата природа, а сатаната својот карактер. Тогаш искоренувањето на гревот ќе ја оправда Божјата љубов и ќе ја воздигне Неговата чест пред вселената чии суштества наоѓаат радост да ја творат Неговата волја и во чии срца се наоѓа Неговиот закон. {КВ 764.3}

Затоа ангелите можеле да се радуваат набљудувајќи го Спасителот на крстот; зашто, иако тогаш не сфатиле сè, знаеле дека уништувањето на гревот и сатаната за секогаш станало извесно, дека е осигурен откупот на човекот и дека вселената станала вечно безбедна. Самиот Христос во целост ги сфатил последиците на жртвата принесена на Голгота. Сето ова го гледал пред Себе, кога на крстот извикал: „Се сврши”. {КВ 764.4}

80. ВО ЈОСИФОВИОТ ГРОБ

Конечно Христос почивал. Долгиот ден на срам и маки завршил. Кога со последните зраци на сонцето кое заоѓало настапила саботата, Божјиот Син спокојно почивал во гробот на Јосиф. Завршувајќи го Своето дело со раце склопени во мир, Тој се одморал во светите часови на саботниот ден. {КВ 769.1}

Во почетокот, по создавањето, Таткото и Синот се одморале во саботата. Кога „се доврши небото и Земјата и сета нивна војска“ (Создавање 2:1), Творецот и сите небесни суштества се радувале додека ја набљудувале таа величествена сцена. Тогаш „пееја заедно утринските ѕвезди и сите Божји синови извикуваа од радост”. (Јов 38:7) Сега Христос се одморал по извршеното дело на откупот, и иако владеела тага помеѓу оние што Го сакале на Земјата, на небото владеела радост. Славно било ветувањето за иднината во очите на небесните суштества. Обновеното создавање, откупениот човечки род, кој го победил гревот и веќе никогаш нема да може да падне тоа јасно го виделе Бог и ангелите, како плод на Христовото завршено дело. Со тие настани засекогаш е поврзан денот во кој Исус починал. Зашто „Неговото дело е совршено“ и „сè што твори Бог, тоа останува довека”. (Второзаконие 32:4; Проповедник 3:14) „Кога ќе биде обновено сè, за кое Бог навестуваше од дамнина преку устата на сите Свои свети пророци“ (Дела 3:21), саботата на создавањето денот во кој Исус почивал во Јосифовиот гроб сè уште ќе биде ден за одмор и радост. Небото и Земјата ќе се обединат во славењето „од сабота до сабота“ (Исаија 66:23), а мноштвото спасени радосно ќе Му се поклонуваат на Бога и на Јагнето. {КВ 769.2}

Во завршните настани на денот на распетието, бил даден нов доказ за исполнување на пророштвата, ново сведоштво за Христовото божество. Кога темнината се подигнала

од крстот и кога одекнал Спасителовиот претсмртен извик, се слушнал уште еден глас, кој рекол: „Навистина, Овој беше Божји Син”. (Матеј 27:54) {КВ 770.1}

Тие зборови не биле изговорени со шепот. Сите се свртеле да видат од каде доаѓаат тие зборови. Кој го кажал тоа? Тоа бил капетанот, римски војник. Божественото трпение на Спасителот и Неговата ненадејна смрт со извик на победа на усните, оставиле длабок впечаток врз овој незнабожец. Во ранетото, скршено тело кое висело на крстот, капетанот го препознал ликот на Божјиот Син. Тој не можел да се воздржи да не ја изрази својата вера. На тој начин повторно бил даден доказ за тоа дека нашиот Спасител ќе го види трудот на својата душа. На денот на Неговата смрт, тројца луѓе кои меѓусебно многу се разликувале, ја изразиле својата вера заповедникот на римската стража, човекот што го носел крстот на Спасителот и злосторникот кој умрел на крстот покрај Него. {КВ 770.2}

Ноќта полека настапувала, а над Голгота лебдела натприродна тишина. Мноштвото почнало да се разотидува и многумина се вратиле во Ерусалим во дух значајно изменет од оној што го покажале тоа утро. Многумина дошле да го видат распнувањето од љубопитност, а не од омраза кон Христа. Сепак тие сè уште верувале на обвинувањата на свештениците и го сметале Христа за престапник. Под дејство на неприродна возбуда, тие се соединиле со џганот во навредувањето на Христа. Меѓутоа, кога Земјата ја обвиткала темнина, застанале обвинети од сопствената совест, чувствувајќи се виновни за големото зло. Никаква шега и никаков потсмев не се слушнале во таа ужасна темнина, а кога темнината се подигнала, луѓето тргнале кон своите домови во свечена тишина. Биле уверени дека обинувањата на свештениците биле лажни, дека Исус не е измамник. Неколку седмици подоцна, кога Петар проповедал на Денот на Педесетница, тие се наоѓале меѓу илјадниците кои се обратиле во Христа. {КВ 770.3}

Меѓутоа, еврејските водачи биле непроменети од настаните на кои биле сведоци. Нивната омраза кон Исуса не се намалила. Темнината која ја обвиткала Земјата при распнувањето не била погуста од темнината која сè уште ги обвиткувала душите на свештениците и поглаварите. При Христовото раѓање ѕвездата Го препознала Исуса и ги водела мудреците до јаслите во кои Тој лежел. Небесните војски Го препознале и пееле песна над полињата на Витлеем. Морето Го препознало Неговиот глас и се покорувало на Неговата заповед. Болеста и смртта ја препознале Неговата моќ и му го вратиле својот плен. Сонцето Го препознало и го сокрило своето лице за да не ги гледа Неговите претсмртни маки. Карпите Го препознале и се затресле, распаѓајќи се на парчиња од Неговиот извик. Неживата природа Го препознала Христа и сведочела за Неговото божество, меѓутоа, свештениците и поглаварите на Израел не го познавале Божјиот Син. {КВ 770.4}

Сепак, свештениците и поглаварите немале спокој. Тие ја остварале целта убивајќи Го Христа, но го немале она победоносно чувство што го очекувале. Дури и во мигот на нивниот привиден триумф, биле измачувани од неизвесноста за тоа што ќе се случи потоа. Тие ги слушнале извикот: „Се сврши”. „Татко, во Твои раце Го предавам Својот Дух”. (Јован 19:30; Лука 23:46) Виделе како се кршат карпите, почувствувале силен земјотрес и биле неспокојни и вознемирени. {КВ 771.1}

Тие биле љубоморни на Христа поради влијанието кај народот додека бил жив, па дури и сега кога издивнал. Тие повеќе се плашеле од мртвиот Христос отколку од живиот. Тие се плашеле од тоа вниманието на народот и понатаму да биде насочено кон настаните кои го придружувале Христовото распнување. Тие се плашеле од последиците на она што го направиле тој ден. Во никој случај не сакале Неговото тело

да остане на крстот во текот на саботата. Саботата се приближувала и светоста на саботата би била повредена кога телата би останале на крстот. Така, еврејските поглавари користејќи го овој изговор, барале од Пилат да се забрза смртта на жртвите и нивните тела да се тргнат пред заоѓање на сонцето. {КВ 771.2}

И Пилат не сакал Исусовото тело да остане на крстот. Бидејќи добиле негова согласност, војниците им ги скршиле нозете на двајцата злосторници за да ја забрзаат нивната смрт, но Христос веќе бил мртов. На суровите војници влијаело она што го виделе и слушнале од Христа и затоа се воздржале од кршењето на Неговите нозе. Така, при жртвувањето на Божјото Јагне бил исполнет пасхалниот Закон: „Нека не остават од неа за наутро, нека не скршат ниту една коска на неа. Нека ја слават според прописите на Пасха". (Броеви 9:12) {КВ 771.3}

Свештениците и поглаварите биле вчудовидени кога се констатирало дека Христос е мртов. Умирањето на крстот вообичаено траело долго и тешко можело да се утврди кога престанал животот. Никогаш не се слушнало човек да умре шест часа по распнувањето. Свештениците сакале да се уверат дали Исус навистина умрел, па на нивно убедување, еден војник со копје ги пробол Неговите ребра. Од раната која била создадена, потекле два обилни и различни млазеви едниот крв, а другиот вода. Тоа го забележале сите присутни, а Јован многу сигурно го опишува тој настан. Тој вели: „Еден од војниците му ги прободе ребрата со копје и веднаш потече крв и вода. Сведочи оној што го виде ова неговото сведоштво е вистинито и тој знае дека ја зборува вистината, за да поверувате вие. Тоа се случи, за да се исполни Писмото: Коска Негова нема да се скрши. А на друго место Писмото вели: Ќе погледнат на Оној, Кого Го прободоа". (Јован 19:34-37) {КВ 771.4}

По воскресението свештениците и поглаварите ширеле гласови дека Исус не умрел на крстот, туку дека само се онесвестил и потоа оживеал. Друга вест тврдела дека во гробот не било положено тело од месо и коски, туку дека било направено нешто слично на тело и спуштено во гроб. Постапката на римските војници ги побило тие невистини. Тие не Му ги скршиле нозете, бидејќи Тој веќе бил мртов. За да ги задоволат свештениците, му Ги проболе ребрата со копје. Кога Неговиот живот не би бил згаснат таа рана би предизвикала моментална смрт. {КВ 772.1}

Меѓутоа, Исусовата смрт не била предизвикана од прободувањето со копје, ниту од маките на крстот. Тој извик изговорен „со силен глас" (Матеј 27:50; Лука 23:46) во моментот на смртта, млазот крв и вода кои излегле од Неговото тело сетоа тоа покажува дека Христос умрел затоа што срцето Му препукнало. Срцето Му препукнало од душевна болка. Христа Го убиле гревовите на светот. {КВ 772.2}

Со Христовата смрт пропаднале надежите на Неговите ученици. Тие ги набљудувале Неговите склопени очи, наведнатата глава, косата извалкана од крв, прободените раце и нозе и трпеле неописливи душевни маки. Тие до крај не верувале дека Тој ќе умре; сега едвај можеле да поверуваат дека Тој навистина умрел. Совладани од тага, не се сеќавале на Неговите зборови со кои го претскажал тој настан. Ништо од она што Тој го зборувал, не им пружило утеха во тој момент. Го виделе само крстот и на него крвавата Жртва. Иднината им изгледала мрачна и полна со очај. Нивната вера во Исуса исчезнала, но тие никогаш повеќе не Го љубеле својот Господ како во тој момент. Никогаш порано до таа мера не ја почувствувале Неговата вредност, никогаш порано не почувствувале колку им е потребно Неговото присуство. {КВ 772.3}

Дури и во смртта, Христовото тело било многу драгоцено за Неговите ученици. Тие сакале достоинствено да Го погребаат, но не знаеле како да го направат тоа. Тој бил

осуден како бунтовник против римската власт и лицата погубени поради такво злосторство биле погребувани на посебно место одредено за тој вид злосторници. Јован, со жените од Галилеја останал покрај крстот. Тие не можеле да дозволат телото на нивниот Господ да биде симнато од крстот од страна на бесчувствителните војници и да биде погребано на срамно место. Меѓутоа, не можеле тоа да го спречат. Тие не можеле да очекуваат никаква благонаклонетост од еврејската власт, а врз Пилат тие немале никакво влијание. {КВ 772.4}

Во таа тешка ситуација на учениците им дошле на помош Јосиф од Ариматеја и Никодим. Двајцата биле членови на Синедрионот и го познавале Пилат. Двајцата биле богати и влијателни луѓе. Тие одлучиле да го погребаат Исусовото тело со соодветни почести. {КВ 773.1}

Јосиф смело отишол кај Пилат и го замолил за Исусовото тело. Тогаш Пилат прв пат дознал дека Исус навистина умрел. Нему му биле доставувани противречни извештаи за настаните кои го придружувале распнувањето, веста за Исусовата смрт намерно била криена од него. Свештениците и поглаварите го предупредиле Пилат дека Христовите ученици можат да направат измама со Неговото тело. Затоа Пилат, кога ја слушал молбата на Јосиф, го повикал капетанот кој службено бил присутен на погубувањето за да дознае дали Исус навистина умрел. Пилат исто така се потрудил да добие известување од него за сцените на Голгота, со што било потврдено ЈосиФовото сведоштво. {КВ 773.2}

Јосифовата молба била услишена. Додека Јован бил загрижен околу погребот на својот Учител, Јосиф се вратил со Пилатовиот налог дека може да го погреба Христовото тело. Дошол и Никодим и донел околу четириесет и пет литри скапоцена мешавина од смирна и алое, за помазание на Христовото тело. На најпочитуваната личност во целиот Ерусалим не би можела да и се укаже поголема почест при смртта. Учениците биле многу изненадени кога виделе дека тие богати поглавари покажуваат ист интерес кон погребот на нивниот Господ како и самите тие. {КВ 773.3}

Ниту Јосиф, ниту Никодим не Го прифатиле јавно Спасителот додека Тој бил жив. Тие знаеле дека поради тоа би биле исклучени од Синедрионот, а се надевале дека ќе можат да Го штитат со своето влијание во советите на истиот. Извесен период изгледало дека ќе успеат во тоа, но лукавите свештеници, воочувајќи ја нивната наклонетост кон Христа, ги спречиле нивните намери. Во нивно отсуство Исус бил осуден и предаден на распнување. Сега кога Исус бил мртов, тие веќе не ја прикривале својата приврзаност кон Него. Додека учениците стравувале отворено да се прикажат како Негови следбеници, Јосиф и Никодим храбро им дошле на помош. Помошта на тие богати и почитувани луѓе била многу потребна во тоа време. Тие можеле да го направат за мртвиот Учител она што било невозможно за сиромашните ученици, а нивното богатство и углед во голема мера ги заштитило учениците од злобата на свештениците и поглаварите. {КВ 773.4}

Полека и со почит тие го симнале со свои раце Исусовото тело од крстот. Додека Го набљудувале Неговото рането и измачено тело, од очите им течеле солзи на сочувство. Јосиф поседувал еден нов гроб, издлабен во карпа. Гробот бил подготвен за него, но бидејќи се наоѓал близу Голгота, сега тој го подготвил за Исуса. Заедно со мирисите што ги донел Никодим, грижливо го завиткале Христовото тело во ленено платно и Го однеле до гробот. Тука тројцата ученици ги исправиле повредените нозе и ги прекрстиле ранетите раце на безживотните гради. Жените од Галилеја дошле да се уверат дали е направено сè што може да се направи за безживотното тело на нивниот

сакан Учител. Потоа тие го виделе тешкиот камен, кој бил навален на влезот од гробот и Спасителот бил положен да почива. Жените биле последни кај крстот и последни на Христовиот гроб. Додека се спуштале вечерните сенки, Марија Магдалена и другата Марија се задржувале кај местото на починка на нивниот Господ, леејќи солзи жалосници над судбината на Оној, Кого Го љубеле. „И тие се вратија... и во сабота мируваа според заповедта". (Лука 23:56) {КВ 774.1}

Тоа била сабота што никогаш нема да ја забораваат натажените ученици, а исто така и свештениците, поглаварите, книжниците и народот. При заоѓањето на сонцето, во приквечерината на денот на подготовка, се огласиле труби, објавувајќи дека започнала сабота. Пасха се славела онака како што се празнувала со векови, додека Оној на Кого укажувал овој празник, лежел во Јосифовиот гроб, убиен од рацете на зли луѓе. Во сабота, предворјето на Храмот било полно со верници. Првосвештеникот кој бил на Голгота бил таму, облечен во сјајна свештеничка облека. Свештениците во бели капи, потполно зафатени, ја извршувале својата служба. Некои од присутните не биле спокојни додека крвта на овните и јунците била принесувана за грев. Тие не биле свесни дека симболот веќе бил остварен, дека била принесена бесконечна жртва за гревовите на светот. Исто така, не знаеле дека вршењето на овие обреди веќе нема никакво значење. Меѓутоа, верниците никогаш не присуствувале на овие обреди со толку противречни чувства. Трубите, музичките инструменти и гласовите на пејачите одѕвонувале јасно и силно како и обично. Меѓутоа, сите чувствувале дека се случува нешто необично. Еден по друг, луѓето поставувале прашања за чудниот настан што се случил. Дотогаш многу строго бил чуван пристапот кон светињата над светињите од оние кои не смееле таму да влезат. Сега било отворено за сечиј поглед. Тешката извезена завеса од ленено платно и прекрасно извезена со злато, со скерлет и пурпур, била раскината на два дела. Местото каде што Јехова се среќавал со првосвештеникот, за да ја објави Својата слава, местото кое било Божја света приемница, сега била отворено за сечие око тоа место веќе Господ не го признавал. Свештениците со мрачни претчувства ја вршеле службата. Разоткривањето на светата мистерија на најсветото место ги исполнувало со ужас заради несреќата која доаѓала. {КВ 774.2}

Многумина биле обземени од мислите предизвикани од сцените на Голгота. Од распнувањето до воскресението, многу будни очи постојано ги истражувале пророштвата; некои за да ја дознаат вистинската смисла на празникот кој тогаш се прославувал, некои да најдат докази дека Исус не бил она што тврдел дека е, а други со болно срце трагале по докази дека Тој е вистинскиот Месија. Иако истражувале со различни намери, сите биле убедени во иста вистина дека пророштвото се исполнило во настаните кои се случиле во неколкуте изминати денови и дека Распнатиот бил Откупителот на светот. Многумина од оние кои тогаш присуствувале на службата, никогаш веќе не учествувале во пасхалните обреди. Дури и многу свештеници биле осведочени за вистинскиот карактер на Исуса. Нивното проучување на пророштвата не било напразно и по Неговото воскресение тие Го признале за Божји Син. {КВ 775.1}

Кога Никодим го видел Исус подигнат на крстот, се сетил на зборовите што Тој ги изговорил онаа ноќ на Маслиновата Гора: „Како што Мојсеј подигна змија во пустината, така мора да биде подигнат Синот Човечки, за секој што верува во Него да има живот вечен". (Јован 3:14,15) Таа сабота, кога Христос лежел во гробот, Никодим имал можност да размислува. Појасна светлина го осветлила неговиот ум и зборовите што Исус му ги упатил веќе не биле таинствени. Чувствувал дека многу изгубил поради тоа што не се поврзал со Спасителот за време на Неговиот живот. Сега се присетил на

настаните на Голгота. Христовата молитва за Неговите убијци и Неговиот одговор на молбата на разбојникот кој умирал, му зборувале на срцето на учениот советник. Повторно во мислите го видел Спасителот во Неговите претсмртни маки, повторно го слушнал оној последен извик „Се сврши,“ искажан како извик на победник. Повторно видел како земјата се лула, небото помрачува, завесата во храмот се раскинува, а камењата се распаѓаат и неговата вера засекогаш се зацврстила. Истиот настан кој ги уништил надежите на учениците, го осведочил Јосиф и Никодим во Исусовото божество. Нивниот страв бил победен со храброста на цврстата и непоколеблива вера. {КВ 775.2}

Христос никогаш толку не го привлекувал вниманието на мноштвото како сега кога бил положен во гроб. По навика, луѓето ги донесувале своите болни и неволни во предворјето на храмот и прашувале: „Кој може да ни каже нешто за Исус од Назарет?“ Многумина дошле од далеку за да Го побараат Оној што исцелувал болни и воскреснувал мртви од гробот. Насекаде се слушнале зборовите: „Го бараме Исуса Исцелителот”. Во таа прилика свештениците прегледале многумина за кои се сомневало дека имаат лепра. Многумина морале да слушнат како нивните мажи, жени или деца се прогласени за лепрозни и ги осудуваат да го напуштат својот дом и наклонетоста на своите пријатели, за оддалеку да ги предупредуваат минувачите со својот тажен извик: „Нечист, нечист!“ Пријателските Исусови раце, кои никогаш не одбивале со Својот допир да ја исцелат одвратната лепра, биле прекрстени на Неговите гради. Молчеле усните кои на нивните молби одговарале со утешните зборови: „Сакам, очисти се”. Многумина се обраќале за сочувство и олеснување на главните првосвештеници и поглавари, но попусто. Очигледно било дека одлучно сакале да го имаат живиот Христос во нивната средина. Упорно и срдечно се распрашувале за Него. Не сакале да отстапат. Но тие биле истерани од предворјата на храмот и на портите поставиле војници за да го одбиваат мноштвото кое Доаѓало со своите болни и оние на смртна постела и барало да влезе. {КВ 776.1}

Страдалниците кои дошле да побараат лек за својата болест, се разочарале и обесхрабриле. Улиците биле полни со луѓе кои лелекале. Болните умирале во недостаток на исцелувачкиот допир на Исуса. Попусто барале совет од лекарите; никој не поседувал таква вештина како Оној, Кој лежел во Јосифовиот гроб. {КВ 776.2}

Тажните извици на страдалниците осведочиле многумина дека од овој свет исчезнала една голема светлина. Без Христа Земјата била мрак и темнина. Многумина чии гласови го засилувале извикот: „Распни Го, Распни Го,“ сега сфаќале каква несреќа ги снашла и со задоволство би повикале: „Пушти ни Го Исуса,“ кога Тој сè уште би бил жив. {КВ 776.3}

Кога луѓето дознале дека свештениците Го погубиле Исуса, тие почнале да се распрашуваат за Неговата смрт. Деталите за Христовото судење биле чувани во тајност колку што било можно, но во времето кога Тој лежел во гробот, Неговото име го изговарале илјадници усни и насекаде се раскажувало за срамното судење и за нехуманоста на свештениците и поглаварите. Луѓето склони на размислување, барале од свештениците и поглаварите да ги објаснат пророштвата од Стариот завет кои се однесувале на Месијата, и додека се обидувале во одговорот да вплеткаат некоја лага, станувале како безумни. Не можеле да ги објаснат пророштвата кои укажувале на Христовите страдања и смрт, така што многумина биле осведочени дека светите списи се исполниле. {КВ 776.4}

Свештениците се надевале дека одмаздата ќе им биде слатка, но таа веќе им станувала горчлива. Знаеле дека се соочиле со остро народно неодобрување; знаеле дека токму оние кои ги поттикнувале против Исуса, биле ужасени од своето срамно дело. Овие свештеници се обидувале да веруваат дека Исус е измамник, но тоа било напразно. Некои од нив стоеле покрај гробот на Лазар и виделе како мртовецот се враќа во живот. Трепереле од страв самиот Христос да не воскресне од мртвите и да не се појави пред нив. Слушнале кога рекол дека има моќ да го положи сопствениот живот и повторно да го врати. Се сеќавале кога рекол: „Урнете го овој Храм и за три дни ќе го подигнам". (Јован 2:19) Јуда ги кажал зборовите што Исус им ги упатил на Своите ученици на патот за Ерусалим: „Еве, одиме во Ерусалим, каде што Синот Човечки ќе им биде предаден на првосвештениците и на книжниците и тие ќе Го осудат на смрт и ќе им Го предадат на незнабошците да Му се подбиваат, да Го камшикуваат и да Го распнат; и Тој ќе воскресне на третиот ден". (Матеј 20:18,19) Кога ги слушнале тие зборови, Му се потсмевале и подбивале. Но, сега се сеќавале дека Исусовите пророштва до тој момент се исполниле. Рекол дека ќе воскресне на третиот ден, а кој може да каже дека и тоа нема да се случи? Сакале да ги оттргнат тие мисли од себе, но не успевале. Како и нивниот татко, ѓаволот, и тие верувале и трепереле. {КВ 777.1}

Сега, кога возбудувањето престанало, Христовиот лик почнал да им се наметнува на нивните умови. Го виделе како стои мирен и достоинствен пред Своите непријатели, поднесувајќи го без никакво мрморење нивниот подбив и злоставување. Сите настани во врска со Неговото судење и распнување повторно се враќале пред нив заедно со надмоќното убедување дека Тој е Божји Син. Чувствувале дека секој момент може да се појави пред нив, дека обвинетиот може да стане обвинител, осуденият осудувач, а убиениот да бара задоволување на правдата за смртта на своите убијци. {КВ 777.2}

Ниту за време на саботата немале мир. Иако не се осмелувале да го пречекорат прагот на незнабошците од страв да не се осквернат, Сепак одржале едно советување за Христовото тело. Смртта и гробот мораат да Го задржат Оној, Кого тие Го распнале. „Се собраа првосвештениците и фарисеите кај Пилата и му рекоа: Господине, се сетивме дека овој измамник уште додека беше жив, рече: 'По три дена ќе воскреснам'. Затоа нареди да се чува гробот до третиот ден, за да не дојдат Неговите ученици ноќе и да го украдат и на народот да му кажат: Воскресна од мртвите, па последната измама ќе биде полоша од првата. А Пилат им рече: Еве ви стража; одете и чувајте како знаете". (Матеј 27:62-65) {КВ 777.3}

Свештениците дале упатства како да се обезбеди гробот. На влезот бил поставен еден голем камен. Преку овој камен префрлиле јаже, чии краеви ги прицврстиле за карпите и ги запечатиле со римски печат. Каменот не можел да се помрдне, а да не се повреди римскиот печат. Околу гробот поставиле стража од сто римски војници за да го спречат секој кој би се обидел да стори нешто. Свештениците направиле сè што можеле за Христовото тело да остане таму каде што Го положиле. Бил толку сигурно запечатен во гробот, како вечно да ќе остане во него. {КВ 778.1}

Така мислеле и планирале бедните луѓе. Овие убијци воопшто не сфаќале колку напразни биле сите нивни напори. Меѓутоа, Бог се прославил со оваа нивна постапка. Токму тие напори направени за да се спречи Христовото воскресение, претставуваат најубедлив доказ дека тоа навистина се случило. Колку повеќе војници биле поставени на гробот, толку посилно ќе биде сведоштвото дека Тој воскреснал. Стотици години пред Христовата смрт, Светиот Дух изјавил преку Псалмистот: „Зошто се гневат народите и племињата замислуваат суети? Се креваат земните цареви и кнезовите се

собираат заедно против Господа и против Неговиот Помазаник... Оној што живее на небесата им се смее, Господ им се потсмева”. (Псалм 2:1-4) Римските стражари и римското оружје немале сила да го задржат во гробот Господарот на животот. Се приближува часот на Неговото ослободување. {КВ 778.2}

81. „ГОСПОД ВОСКРЕСНА"

Оваа поглавје е засновано на Матеј 28:2-4, 11-15

Ноќта на првиот ден од седмицата полека поминувала. Настапил најмрачниот час, час кој му претстои на осамнувањето. Христос сè уште бил затвореник во Својот тесен гроб. Големиот камен бил на своето место, римскиот печат не бил оштетен, а римските стражари ја чувале својата стража. Тука се наоѓале и невидливи стражари. Војска на зли ангели се собрале околу гробот. Кога би било можно, кнезот на темнината и неговата војска вечно би го задржале запечатен гробот во кој се наоѓал Божјиот Син. Меѓутоа, гробот го опкружувала и небесна војска. Ангелите, чија сила е голема, го чувале гробот и чекале да го поздрават со добредојде Кнезот на животот. {КВ 779.1}

„И, ете настана голем земјотрес, зашто слезе Господов ангел од небото”. Тој ангел излегол од небесните дворови облечен во Божјо оружје. Пред него оделе зраците на Божјата слава и му го осветлувале патот. „Лицето му светеше како молња, а облеката му беше бела како снег. Од страв пред него се стресоа стражарите и станаа како мртви”. {КВ 779.2}

А сега, свештеници и поглавари, каде е сега силата на вашите стражари? Храбрите војници кои никогаш не се плашеле од човечка сила, сега биле заробени без меч и копје. Лицето кое тие го гледаат не е лице на некој смртен борец, туку лице на најсилниот од Господовата војска. Тој гласник ја заземал положбата од која сатаната паднал. Тоа е оној, кој на бреговите на Витлеем го објавил Христовото раѓање. Земјата се тресела кога тој се приближил, а војските на злото се разбегале и кога го турнал каменот, изгледало како небото да се симнува на Земјата. Војниците виделе како го отстранува каменот како да е некое камче и го слушнале неговиот извик: „Сине Божји, излези; те вика Твојот Татко”. Го виделе Исуса како излегува од гробот и ги слушнале Неговите зборови над отворениот гроб: „Јас сум воскресение и живот”. Кога се појавил во величество и во слава, војската ангели длабоко се поклониле пред Откупителот и Го поздравиле со песни на пофалба. {КВ 779.3}

Еден земјотрес го означил моментот кога Христос го положил Својот живот, а друг земјотрес го посведочил моментот кога Тој победоносно повторно се вратил во живот. Оној, Кој ги победил гробот и смртта, излегол од гробот со чекор на победник, среде тетеравењето на земјата, блескање на молњите и пукање на громовите. Кога повторно ќе дојде на Земјата, Тој ќе ја потресе „не само Земјата, туку и небото”. „Земјата ќе се тетерави како пијан човек и ќе се премести како колиба”. „Небесата ќе се свиткаат како свиток,“ „состојките ќе се растопат при голема топлина и Земјата ќе изгори со сите нејзини дела”. Но, „Господ ќе биде прибежиште на Својот народ и крепост на синовите Израелеви”. (Евреите 12:26; Исаија 24:20; 34:4; 2. Петрово 3:10; Јоил 3:16) {КВ 780.1}

При Исусовата смрт војниците виделе како Земјата среде пладне се обвиткува во темнина, а при воскреснувањето, како славата на ангелите ја расветлува ноќта и

слушнале како жителите на небото во голема радост и триумф пеат: „Ти го победи сатаната и силите на темнината; Ти преку победа ја надвладеа смртта!“ {КВ 780.2}

Христос излегол од гробот прославен и римските стражари Го виделе. Нивните погледи биле приковани во лицето на Оној, Кого неодамна Го исмевале и на Кого Му се подбивале. Во тоа величествено Суштество тие го препознале затвореникот кого го виделе во судницата, кому му исплеле трнов венец. Тоа бил Оној, Кој без да се спротивстави стоел пред Пилат и Ирод и чие тело било рането со свирепо шибање. Тоа бил Оној прикован на крстот, и кон Кого свештениците полни со самозадоволство, одмавнувале со главите, велејќи: „Спасуваше други, а самиот Себе не може да се спаси”. (Матеј 27:42) Тоа бил Оној, Кого го положиле во Јосифовиот нов гроб. Со небесна наредба Затвореникот бил ослободен. Кога планините и горите би биле ставени на Неговиот гроб, не би можеле да Го спречат да излезе. {КВ 780.3}

При појавата на ангелите и прославениот Спасител, римските стражари малаксале и паднале како мртви. Кога небесната придружба исчезнала од нивниот поглед, станале и брзо, колку што можеле да ги носат нивните треперливи нозе, тргнале кон капијата на градот. Тетеравејќи се како пијани, брзо отишле во градот и ја соопштиле прекрасната вест на оние кои ги среќавале. Имале намера да одат кај Пилат, но нивниот извештај стигнал до еврејските власти и првосвештениците, и поглаварите барале прво да дојдат кај нив. Овие војници изгледале чудно. Треперејќи од страв и со бледи лица, сведочеле за Христовото воскресение. Војниците раскажале сè онака како што виделе. Тие немале време да мислат или да зборуваат ништо друго освен вистината. Тие болно рекле: „Оној што беше распнат на крст беше Божји Син. Го чувме ангелот кој го прогласи за небесно Величество, за Цар на славата”. {КВ 781.1}

Лицата на свештениците биле како пица на мртовци. Кајафа се обидел да зборува. Неговите усни се движеле, но тој не изговорил ништо. Војниците се подготвувале да излезат од судницата, кога еден глас ги задржал. Конечно, Кајафа успеал да проговори. „Чекајте, чекајте,“ рекол тој. „Никому не зборувајте за она што сте го виделе”. {КВ 781.2}

Тогаш, на војниците им било предложено да шират лажни гласини. Свештениците им рекле: „Кажете, дојдоа Неговите ученици ноќе и Го украдоа додека ние спиевме”. Со тоа свештениците сами се измамиле. Како војниците можеле да кажат дека учениците го украле телото додека тие спиеле? Ако спиеле, како можеле да го знаат тоа? И кога учениците би го украле Христовото тело, зар свештениците не би биле први што би ги осудиле? Или, кога стражарите би спиеле покрај гробот, зар свештениците не би биле први што ќе ги обвинат кај Пилат? {КВ 781.3}

Војниците биле згрозени од помислата да навлечат на себе обвинение дека спиеле на стража. Ова било казниво со смрт. Дали лажно да сведочат, да го мамат народот и да ги изложат на опасност своите животи? Зар будно не ја држеле својата заморна стража? Како можат да го поднесат судскиот процес и лажно да се заколнат, дури и од љубов кон парите? {КВ 782.1}

За да го замолчат сведоштвото од кои се плашеле, свештениците им ветувале на стражарите дека ќе ги заштитат и велеле дека и Пилат, како и тие, не сака да се шират такви гласини. Римските војници им ја продале својата чесност на Евреите за пари. Тие се појавиле пред свештениците носејќи една најпотресна вест на вистина; заминале натоварени со пари и со лажен извештај на усните што за нив го исконструирале свештениците. {КВ 782.2}

Во меѓувреме, извештајот за Христовото воскресение допрела и до Пилат. Тој бил релативно рамнодушен за тоа, иако токму тој бил одговорен што Го испратил Христа во

смрт. Иако Го осудил Спасителот против своја волја и со чувство на сожалување, сè до тој момент не почувствувал вистинска грижа на совеста. Во ужас, сега се затворил во својот дом и не сакал никого да види. Меѓутоа, свештениците нашле начин да излезат пред него, му ја кажале сторијата што ја измислиле и упорно молеле од него да им прости на стражарите поради тоа што ја занемариле должноста. Пред да се согласи со тоа, тој лично разговарал со стражарите. Стравувајќи за сопствената безбедност, тие не се осмелиле нешто да сокријат; така Пилат дознал за сè што се случило. Не продолжил со истрагата, но од тој момент тој веќе немал мир. {КВ 782.3}

Кога Исус бил положен во гробот, сатаната триумфирал. Се надевал дека Спасителот никогаш повторно нема да оживее. Тој полагал право на Неговото тело и поставил своја стража околу гробот со намера да го задржи Христа како затвореник. Бил огорчен и лут што неговите ангели побегнале кога се приближил небесниот гласник. Кога видел како Христос победоносно излегува од гробот, сатаната знаел дека на Неговото царство ќе му дојде крај и дека конечно ќе мора да умре. {КВ 782.4}

Осудувајќи Го Христа на смрт, свештениците станале сатански орудија. Сега биле целосно во негова власт. Се фатиле во стапицата од која немало друг излез освен да ја продолжат својата борба против Христа. Кога слушнале за Неговото воскресение, се исплашиле од гневот на народот. Чувствувале дека животот им е во опасност. Нивната единствена надеж се состоела во тоа да докажат дека Христос бил измамник, одречувајќи дека Тој воскреснал. Ги поткупиле војниците и го обезбедиле Пилатовото молчење. Насекаде ширеле лажни извештаи. Меѓутоа, постоеле сведоци кои не можеле да ги замолчат. Многумина слушнале од војниците сведоштво за Христовото воскресение. Некои од починатите кои воскреснале со Христа, им се јавиле на многумина и објавиле дека Тој воскреснал. На свештениците им било укажано на лицата кои ги виделе воскреснатите и го слушнале нивното сведоштво. Тие биле во постојан страв на улица или во својот дом да не се најдат лице во лице со Христа. Чувствувале дека за нив не постои никаква сигурност. Резите и бравите биле слаба заштита од Божјиот Син. Дење и ноќе пред очи им се појавувала онаа ужасна сцена во судницата кога извикале: „Неговата крв нека биде врз нас и врз нашите деца”. (Матеј 27:25) Никогаш од нивните сеќавања нема да избледи таа сцена. Никогаш повеќе мирен сон нема да дојде на нивната перница. {КВ 785.1}

Кога се слушнал гласот на моќниот ангел крај Христовиот гроб: „Твојот Татко Те вика,“ Спасителот излегол од гробот, благодарение на животот што се наоѓал во Него. Така се докажала вистинитоста на Неговите зборови: „Јас го давам Мојот живот за пак да го земам... Имам власт да го положам и имам власт повторно да го земам”. Тогаш се исполнило пророштвото што им го дал на свештениците и поглаварите: „Урнете го овој храм и за три дни Јас ќе го подигнам”. (Јован 10:17,18; 2:19) {КВ 785.2}

Над отворениот Јосифов гроб, Христос победоносно изјавил: „Јас сум воскресение и живот”. Тие зборови можело да ги изговори само Божеството. Сите создадени суштества живеат благодарение на Божјата сила и волја. Тие се зависни приматели на живот од Бога. Сите, од највисокиот серафим до најпримитивното живо суштество, се напојуваат од Изворот на животот. Само Оној, Кој е едно со Бога може да каже: „Имам власт да Го положам Својот живот и имам власт повторно да го земам”. Во Својата божествена сила, Христос имал сила да ги раскине оковите на смртта. {КВ 785.3}

Христос воскреснал од мртвите како прв плод на оние кои заспале. Тој бил остварување на старозаветниот симбол за вртениот сноп и Неговото воскресение се случило токму оној ден, кога требало да се принесе тој сноп на Господа. Овој

симболичен обред се вршел повеќе од илјада години. Од жетвените ниви биле собирани првите зрели класја и кога народот Доаѓал во Ерусалим на Пасха, мавтал со нив во знак на благодарност пред Господа. Додека овој обред не се извршил, српот не почнувал да жнее и житото да се собира во снопови. Снопот посветен на Бога ја претставувал жетвата. Така, Христос како првина ја претставувал големата духовна жетва, која ќе се собере за Божјото царство. Неговото воскресение е симбол и залог за воскресение на сите мртви праведници. „Зашто, ако веруваме дека Исус умре и воскресна, така и оние кои спијат во Исуса, Бог ќе ги доведе со Него". (1. Солунјаните 4:14) {КВ 785.4}

Кога Христос воскреснал, извел многу заробеници од гробот. Земјотресот при Неговата смрт ги отворил гробовите и кога Тој воскреснал, тие излегле со Него. Тоа некогаш биле Божји соработници, кои по цена на сопствениот живот, сведочеле за вистината. Сега требало да бидат сведоци за Оној, Кој ги воскреснал од мртвите. {КВ 786.1}

За време на Својата служба Исус подигнувал мртви во живот. Го воскреснал синот на вдовицата од Наин, Јаировата ќерка и Лазар. Меѓутоа, тие не биле облечени во бесмртност. Иако подигнати од мртвите, тие останале подложни на смртта. Меѓутоа, оние кои при Христовото воскресение излегле од гробот, станале за вечен живот. Тие се вознеле со Него, како трофеи на Неговата победа над смртта и гробот. „Овие веќе не се заробеници на сатаната," рекол Христос, „бидејќи Јас ги откупив. Јас Ги подигнав од гробот како први плодови на Мојата моќ, за да бидат со Мене таму каде што сум Јас и никогаш повеќе да не видат смрт, ниту да искусат болка". {КВ 786.2}

Тие отишпе во градот и се појавиле на многумина, зборувајќи: „Христос воскресна од мртвите и ние сме подигнати со Него". Така била овековечена светата вистина за воскресението. Воскреснатите свети сведочеле за вистинитоста на зборовите: „Твоите мртви ќе оживеат, заедно со Моето тело тие ќе станат". Нивното воскресение било илустрација за исполнување на пророштвото: „Разбудете се и ликувајте вие, жители на правот! Зашто росата Твоја е роса на растенијата и земјата ќе ги исфрли мртовците". (Исаија 26:19) {КВ 786.3}

За верникот Христос е воскресение и живот. Во нашиот Спасител е обновен животот изгубен поради гревот, бидејќи Тој има живот во Себе и може да воскресне кога сака. Нему му е дадено право да дарува бесмртност. Животот кој во човечката природа го положил, Тој повторно го зема и го дава на човечкиот род. „Јас дојдов да имаат живот и да го имаат во изобилство". „А оној што ќе пие од водата што ќе му ја дадам Јас, нема никогаш да ожедни; туку, водата што ќе му ја дадам Јас, во него ќе стане извор на вода што тече во живот вечен". „Кој го јаде телото Мое и ја пие крвта Моја, има живот вечен и Јас ќе го воскреснам во последниот ден". (Јован 10:10; 4:14; 6:54) {КВ 786.4}

За верникот смртта е безначајно прашање. Христос зборува за неа како да има мала важност. „Оној што ќе ги запази Моите зборови, никогаш нема да види смрт," „тој никогаш нема да вкуси смрт". (Јован 8:51,52) За христијаните смртта е само сон, само момент на молчење и темнина. Животот е сокриен со Христа во Бога и „кога ќе се појави Христос, вашиот живот, тогаш и вие ќе се појавите со Него во слава" (Колосјаните 3:4) {КВ 787.1}

Мртвите го слушнале гласот кој одекнал под крстот: „Се сврши". Тој глас ги пробил ѕидовите на гробниците и оние кои спиеле ги повикал да станат. Така ќе биде и кога Христовиот глас ќе се слушне од небото. Тој глас ќе продре во гробовите, ќе ги отвори и умрените во Христа ќе станат. При воскресението на Спасителот се отвориле неколку

гробови, но при Неговото второ доаѓање сите драгоцени мртви ќе го слушнат Неговиот глас и ќе излезат во славен, бесмртен живот. Онаа иста сила која го подигнала Христа од мртвите, ќе ја подигне и Неговата црква и ќе ја прослави со Него над сите началства, над сите сили, над секое име што се спомнува, не само во овој свет, туку и во светот што Доаѓа. {КВ 787.2}

82. „ЗОШТО ПЛАЧЕШ?"

Оваа поглавје е засновано на Матеј 28:1,5-8; Марко 16:1-8; Лука 24:1-12; Јован 20:1-18

Жените кои стоеле покрај крстот будно стражареле и чекале да помине саботата. Првиот ден во седмицата тие многу рано тргнале на гробот, носејќи со себе скапоцени мириси за да Го помазат телото на Спасителот. Тие не помислувале на Неговото воскресение од мртвите. Сонцето на нивната надеж се скрило и ноќ се спуштила во нивните срца. Додека оделе по патот, се сеќавале на Христовите милосрдни дела и на Неговите утешни зборови, но не и на Неговото ветување: „Но, Јас пак ќе ве видам". (Јован 16:22) {КВ 788.1}

Не знаејќи што се случило, тие се приближувале кон градината, зборувајќи меѓу себе одејќи: „Кој ќе ни го одвали каменот од вратата на гробот?" Знаеле дека не можат да го придвижат каменот, но Сепак го продолжиле патот. Одеднаш небото засветило со слава која не Доаѓала од сонцето што изгревало. Земјата се тресела. Виделе дека големиот камен е тргнат. Гробот бил празен. {КВ 788.2}

Овие жени не дошле сите од ист правец кон гробот. Марија Магдалена прва стигнала на гробот и кога видела дека каменот е тргнат, побрзала да им јави на учениците. Во меѓувреме стигнале и останатите жени. Околу гробот блескала светлина, но Исусовото тело не било тука. Додека тие биле покрај гробот, одеднаш забележале дека не се сами. Едно момче, облечено во блескави облеки седело покрај гробот. Тоа бил ангелот што го тргнал каменот. Тој зел на себе човечка надворешност, за да не ги исплаши Исусовите пријатели. Меѓутоа, светлината на небесната слава сè уште блескала околу Него, па жените се исплашиле. Само што сакале да побегнат, зборовите на ангелот ги запреле нивните чекори. Тој рекол: „Не плашете се; Знам дека Го барате Исуса распнатиот. Тој не е овде, зашто воскресна како што кажа. Дојдете и видете го местото каде што Господ лежеше, па одете брзо и кажете им на Неговите ученици дека тој воскресна од мртвите". Повторно погледнале во гробот и повторно ја слушнале прекрасната вест. Тука се наоѓал уште еден ангел во човечки лик и тој рекол: „Зошто го барате живиот меѓу мртвите? Тој не е овде, туку воскресна! Спомнете си како ви зборуваше додека уште беше во Галилеја: Синот човечки треба да биде предаден во раце на грешни луѓе, да биде распнат и да воскресне на третиот ден". {КВ 788.3}

Тој воскреснал, Тој воскреснал! Жените постојано ги повторувале тие зборови. Сега веќе не се потребни мириси за помазување. Спасителот е жив, и не е мртов. Сега се сетиле дека Исус, кога зборувал за Својата смрт, рекол и дека ќе воскресне. Колку бил прекрасен тој ден за овој свет! Жените брзо заминале од гробот и „со страв и со голема радост потрчаа да им го јават тоа на Неговите ученици". {КВ 789.1}

Марија не ја слушнала добрата вест. Таа отишла кај Петар и Јован со тажна вест: „Тие Го зеле Господа од гробот и не знаеме каде Го положиле". Учениците побрзале

кон гробницата и ја нашле како што кажала Марија. Ги виделе платното и повојот, но не го нашле својот Господ. Сепак, и тука се наоѓало сведоштво дека Христос станал. Мртовечките повои не биле неуредно расфрлани, туку внимателно преклопени, секој на свое место. Јован „виде и поверува". Тој сè уште не го сфаќал стихот од Писмото дека Христос мора да воскресне од мртвите, но тој сега се сетил на зборовите со кои Спасителот го претскажал Своето воскресение. {КВ 789.2}

Самиот Христос толку грижливо ја ставил таа мртовечка облека. Кога моќниот ангел се симнал од небото, нему му се придружил уште еден, за заедно да стражари со него над Господовото тело. Кога еден од нив го тргнал каменот, другиот влегол во гробот и ги одмотал завоите од Исусовото тело. Меѓутоа, Спасителот го свиткал секој дел и го ставил на неговото место. За Оној што управува и со ѕвездите и со атомите, ништо не е неважно. Во сè што работи, се гледа ред и совршенство. {КВ 789.3}

Марија ги следела Јован и Петар до гробот и кога тие се вратиле во Ерусалим, таа останала. Додека го набљудувала празниот гроб, срцето и се исполнило со тага. Гледајќи внатре, таа видела двајца ангели, еден покрај главата, а другиот покрај нозете каде што лежел Исус. Тие ја прашале: „Жено, зошто плачеш?" Таа одговорила: „Затоа што го зеле Мојот Господ и не знам каде Го положиле". {КВ 789.4}

Потоа се оддалечила дури и од ангелите и размислувала како да најде некого кој би можел да и каже што е направено со Исусовото тело. Тогаш и се обратил уште еден глас: „Жено, зошто плачеш? Кого го бараш?" Со очи замаглени од солзи, Марија здогледала лик на еден човек и мислејќи дека тој е градинар, рекла: „Господине, ако си го зел ти, кажи ми каде си го положил и јас ќе го земам". Ако се сметало дека гробот на богаташот е премногу голема почест за Исуса тогаш таа сама ќе најде место за Него. Постоел еден гроб што се испразнил благодарение на Христовиот глас, гробот каде што Лазар почивал. Зар таму не би можела да пронајде место за да го погреба својот Господ? Чувствувала дека во нејзината длабока тага грижата за Неговото драгоцено, распнато тело би и донела голема утеха. {КВ 790.1}

Меѓутоа, Исус со Својот добро познат глас и рекол: „Марија". Сега сфатила дека Оној што и се обратил не е странец и, откако се свртела, Го здогледала пред себе живиот Христос. Во својата радост, таа заборавила дека Христос бил распнат. Притрчувајќи кон Него, како да сака да Му ги прегрне нозете, рекла: „Рави!" Но Христос ја подигнал раката, велејќи: Не Ме допирај, „зашто уште не отидов горе кај Својот Татко; туку оди кај Моите браќа и кажи им: Се враќам при Мојот Татко и при вашиот Татко, кај Мојот Бог и кај вашиот Бог". И Марија отишла кај учениците со радосната вест. {КВ 790.2}

Исус одбил да прими поклонение од Својот народ сè додека не добие уверување дека Таткото ја прифатил Неговата жртва. Тој се вознел во небесните дворови и од Таткото слушнал дека Неговата жртва за гревовите на светот е доволна, дека преку Неговата крв сите можат да добијат вечен живот. Таткото го потврдил заветот што го направил со Христа, дека ќе ги прими сите покајани и послушни и дека ќе ги љуби како што го љуби Својот Син. Христос требало да го заврши Своето дело и да го исполни ветувањето дека „човекот ќе вреди повеќе од чисто злато, повеќе од злато офирско". (Исаија 13:12) Сета власт и на Небото и на Земјата му била дадена на Кнезот на животот и Тој се вратил кај Своите следбеници во грешниот свет, за и на нив да им ја подари Својата сила и слава. {КВ 790.3}

Додека Спасителот се наоѓал пред Божјото лице, примајќи дарови за Својата црква, учениците размислувале за Неговиот празен гроб, тагувале и плачеле. Тој ден, кој бил ден на радост на небото, за учениците бил ден на неизвесност, збунетост и збрка.

Нивното неверие во сведоштвата на жените покажува колку ниско паднала нивната вера. Веста за Христовото воскресение толку се разликувала од она што тие очекувале, па затоа не можеле да поверуваат во неа. Таа била премногу добра за да биде вистинита, мислеле тие. Тие толку многу слушале за доктрините и таканаречените научни теории на садукеите, што поимите кои ги стекнале во врска со воскресението, биле многу нејасни. Едвај знаеле што значи воскресението од мртвите. Тие не биле во состојба да сфатат нешто толку големо. {КВ 790.4}

Ангелите им рекле на жените: „Одете и кажете им на Неговите ученици и на Петар, дека Тој оди пред вас во Галилеја; таму ќе Го видите, како што ви кажа". Тие ангели биле со Христа како ангели чувари во текот на Неговиот живот на Земјата. Биле сведоци на Неговото судење и распнување. Ги слушнале зборовите што им ги упатил на Своите ученици. Тоа се видело од веста која им ја упатиле на учениците и тоа требало да ги убеди учениците во нејзината вистинитост. Таквите зборови можеле да ги упатат само гласници на нивниот воскреснат Господ. {КВ 793.1}

„Кажете им на Неговите ученици и на Петар," рекле ангелите. Од Христовата смрт Петар бил притиснат со грижа на совеста. Неговото срамно откажување од Господа и погледот на Спасителот полн со љубов и болка, постојано биле пред него. Петар најмногу страдал од сите ученици. Му било дадено уверување дека неговото покајание е прифатено и неговиот грев простен. Тој бил споменат по име. {КВ 793.2}

„Кажете им на Неговите ученици и на Петар, дека Тој оди пред вас во Галилеја; таму ќе Го видите". Сите ученици го напуштиле Исуса и повикот повторно да се сретнат со Него ги опфаќал сите нив. Тој не ги отфрлил. Кога Марија Магдалена им кажала дека го видела Господа, го повторила повикот за состанок во Галилеја. И по трет пат им била испратена оваа порака. По вознесувањето кај Својот Татко, Исус се јавил на уште некои жени, велејќи: „Здраво, а тие пристапија кон Него, се фатија за Неговите нозе и Му се поклонија. Тогаш Исус им рече: Не бојте се! Одете и јавете им на Моите браќа да одат во Галилеја. Таму ќе Ме видат". {КВ 793.3}

Прва Христова задача на Земјата по Своето воскресение била да ги осведочи Своите ученици во Својата несмалена љубов и нежна грижа за нив. За да им даде доказ за тоа дека Тој е нивен жив Спасител, дека ги раскинал оковите на гробот и дека непријателот, смртта, не можела повеќе да го задржи, за да им открие дека го има истото срце на љубовта, како и кога бил со нив како нивен сакан Учител, Исус често им се јавувал. Тој сакал уште повеќе да ги стегне со нишките на љубовта. „Одете и кажете им на Моите браќа," рекол Тој, „да се сретнат со Мене во Галилеја". {КВ 793.4}

Кога слушнале за овој состанок, учениците почнале да размислуваат за зборовите кои Христос ги претскажал за Своето воскресение. Меѓутоа, дури ни сега не се радувале. Не можеле да се ослободат од своите сомнежи и од својата збунетост. Дури и кога жените изјавиле дека Го виделе Господа, учениците не верувале. Тие сметале дека тоа е само нивна илузија. {КВ 794.1}

Изгледало како неволјите да доаѓаат една по друга. Шестиот ден од седмицата виделе како нивниот Учител умрел; првиот ден од седмицата биле лишени од Неговото тело, обвинети дека го украле за да го измамат народот. Тие изгубиле надеж дека некогаш ќе успеат да ги исправат лажните впечатоци кои сè повеќе се зацврстувале против нив. Се плашеле од непријателството на свештениците и од гневот на народот. Копнееле за Христовото присуство, Кој им помагал во секоја неволја. {КВ 794.2}

Тие често ги повторувале зборовите: „А ние се надевавме дека Тој е Оној што ќе го избави Израел". Осамени и со тажни срца си спомнувале за Неговите зборови: „Ако

вака се постапува со зеленото дрво, тогаш што ќе биде со сувото?“ (Лука 24:21; 23:31) Тие се состанале во горната соба, ја затвориле и осигуриле вратата, знаејќи дека секој момент можат да ја доживеат судбината на саканиот Учител. {КВ 794.3}

Меѓутоа, за сето тоа време можеле да се радуваат заради сознанието дека Спасителот воскреснал. Марија стоела во градината и плачела, додека Исус бил близу неа. Нејзините очи биле толку замаглени од солзи, што не Го препознала. Срцата на учениците биле толку полни со тага, што не верувале на веста на ангелите, ниту на зборовите на Самиот Христос. {КВ 794.4}

Колку луѓе и денес се однесуваат слично како учениците! Колку многу има такви, кои како Марија очајно извикуваат: „Го зеле Господа... и не знаеме каде го положиле!“ На колкумина од нив би можеле да им се упатат зборовите на Спасителот: „Зошто плачеш? Кого го бараш?“ Тој е близу нив, но нивните очи, замаглени од солзи, не Го препознаваат. Тој им зборува, но тие не разбираат. {КВ 794.5}

О, кога наведнатите глави би се подигнале, кога очите би се отвориле за да Го видат, кога ушите би Го слушнале Неговиот глас! „Одете бргу и кажете им на Неговите ученици дека Тој воскресна”. Наложете им да не гледаат во Јосифовиот нов гроб, кој бил затворен со голем камен и запечатен со римски печат. Христос не е таму. Не гледајте во празниот гроб. Не тагувајте како оние кои се без надеж и без никакви изгледи за помош. Исус живее и затоа што Тој живее и ние ќе живееме. Од благодарните срца, од усните кои се допрени со свет оган, нека одекне радосната песна: Христос воскресна! Тој живее за да посредува за нас. Држете се цврсто за таа надеж и таа ќе ја држи душата како сигурна, испробана котва. Верувај и ќе ја видиш Божјата слава! {КВ 794.6}

83. НА ПАТОТ ЗА ЕМАУС

Оваа поглавје е засновано на Лука 24:13-33

Доцна попладнето на денот на воскресението, двајца ученици оделе по патот кон Емаус, мало место оддалечено околу тринаесет километри од Ерусалим. Тие двајца ученици не заземале никакво истакнато место во Христовото дело, но искрено верувале во Него. Тие дошле во градот за да ја прославаат Пасха и биле многу збунети од настаните што се одиграле. Ја слушнале веста на тоа утро за отстранување на Христовото тело од гробот, а исто така и за извештајот на жените кои виделе ангели и Го сретнале Исуса. Сега се враќале во своите домови да размислуваат и да се молат. Таа вечер жалосно оделе по патот, разговарајќи за сцените од судењето и од распнувањето. Никогаш дотогаш не биле толку целосно обесхрабрени. Без надеж и вера, тие оделе во сенката на крстот. {КВ 795.1}

Не отишле далеку на својот пат, кога им се придружил еден непознат човек. Меѓутоа, тие биле толку длабоко задлабочени во својата мрачнина и разочарување, така што не го загледале подобро. Продолжиле да разговараат, изразувајќи ги мислите на своето срце. Зборувале за поуките кои ги дал Христос, а за кои изгледало како тие да не биле во состојба да ги сфатат. Додека зборувале за она што се случило, Исус копнеел да ги утеши. Ја видел нивната тага, ги сфатил нивните противречни мисли што ги збунувале и што во нивните умови ја внесувале мислата: „Може ли тој човек, кој дозволил така да Го понижат, да биде Христос?“ Не можеле да ја совладаат својата болка, па плачеле. Исус знаел дека нивните срца преку љубов се поврзани со Него и

копнее да ги избрише нивните солзи и да ги исполни со радост и веселба. Но најпрво морал да им даде поуки кои тие никогаш нема да ги заборават. {КВ 795.2}

„А Тој им рече: Каков е тој разговор што го имате меѓу себе додека одите по пат и зошто сте тажни? Едниот од нив по име Клеопа му рече: Дали си Ти само еден странец во Ерусалим, кој не знае што се случи овие денови во него?“ Му раскажале за Своето разочарување во поглед на својот Учител, „кој беше пророк силен во дела и збор пред Бога и пред сиот народ,“ но „првосвештениците и нашите старешини,“ рекле тие, „го предадоа да биде осуден на смрт и Го распнаа”. Со срца во болка од разочарување и треперливи усни, тие додале: „А ние се надевавме дека е Тој Оној што треба да го избави Израел; но и покрај сето тоа, денес е веќе трет ден, откако се случи ова”. {КВ 796.1}

Необично е тоа што учениците не се сеќавале на Христовите зборови и што не сфатиле дека Тој ги претскажал настаните што се случиле. Тие не сфатиле дека последниот дел од Неговото откровение ќе се оствари токму онака како што се остварил и првиот дел, дека во третиот ден Тој ќе воскресне. Требало да се сеќаваат на тој дел. Свештениците и поглаварите не го заборавиле тоа. „А утредента, по денот на подготовка, се собраа поглаварите свештенички и фарисеите кај Пилата и му рекоа: Господине, се сетивме дека овој измамник уште додека беше жив, рече: По три дена ќе воскреснам”. (Матеј 27:62,63) Но учениците не се сеќавале на овие зборови. {КВ 796.2}

„Тогаш им рече: О, неразумни и со срце кое бавно верува во сè она што го кажаа пророците. Зар не требаше Христос да го претрпи тоа и да влезе во Својата слава?“ Учениците се прашувале кој може да биде странецот, кога е во состојба така да проникне во нивните души и да зборува со толкава сериозност, нежност и сочувство и со толку надеж. Првпат откако Христос бил предаден, тие почнале да чувствуваат надеж. Често внимателно го набљудувале својот сопатник и помислувале дека Неговите зборови биле токму оние зборови кои Христос би ги изговорил. Биле исполнети со воодушевување, а срцата почнале да им чукаат во радосно исчекување. {КВ 796.3}

Почнувајќи од Мојсеј, самиот почеток на библиската историја Христос од целото Писмо го изложувал она што се однесувало на Него. Кога веднаш би им се открил, нивните срца би биле задоволни. Во својата голема радост тие не би гладувале за ништо повеќе. Меѓутоа, било потребно да го сфатат сведоштвото дадено за Него преку симболи и пророштва од Стариот завет. На тоа мора да се заснова нивната вера. Исус не направил никакво чудо за да ги увери, туку Негово прво дело било да им го објасни Писмото. Во Неговата смрт тие гледале уништување на сите свои надежи. Сега врз основа на пророците им покажал дека токму тоа било најголем доказ за нивната вера. {КВ 796.4}

Поучувајќи ги овие ученици, Исус го покажал значењето на Стариот завет како сведоштво за Неговата мисија. Денес, многумина кои се сметаат за христијани го отфрлаат Стариот завет тврдејќи дека тој нема никаква вредност. Меѓутоа, тоа не било Христовото учење. Тој толку високо го ценел Стариот завет, па во една прилика рекол: „Ако не ги слушаат Мојсеј и пророците, нема да веруваат ниту ако некој воскресне од мртвите”. (Лука 16:31) {КВ 799.1}

Христовиот глас зборува преку патријарсите и пророците, започнувајќи од Адамови денови, па сè до завршните настани на овој свет. Стариот завет јасно го открива Спасителот исто како и Новиот завет. Светлината од пророчкото минато го осветлувала јасно и убаво Христовиот живот и учењето на Новиот завет. Христовите чуда се доказ за

Неговото божество, но уште посилен доказ за тоа дека Тој е Откупител на светот се наоѓа во споредбата на пророштвата на Стариот завет со историјата на Новиот завет. {КВ 799.2}

Резонирајќи од пророштвата, Христос им дал на Своите ученици правилна претстава за тоа што Тој требал да биде во човечкото тело. Погрешно било нивното очекување дека Месијата ќе го заземе Својот престол и царската власт во согласност со желбите на луѓето. Тоа не би се ускладило со правилното сфаќање на Неговото спуштање од највисоката до најниската положба која може да се заземе. Христос сакал поимите на Неговите ученици да бидат чисти и точни во секој поглед. Тие мораат колку што е тоа можно да го сфатат сето она што се однесува на чашата на страдањата, која Му била одредена. Тој им покажал дека ужасната борба која тие сè уште не можеле да ја сфатат претставува исполнување на заветот, сторен уште пред да се постават темелите на светот. Христос мора да умре, како што мора да умре секој престапник на законот, ако продолжи да греши. Сето тоа мора да се случи, но не треба да заврши со пораз, туку со величествена, вечна победа. Исус им рекол дека мораат да се вложат сите можни напори за светот да се спаси од гревот. Неговите следбеници мораат да живеат како што живеел Тој и да работат како што работел Тој, вложувајќи силни, истрајни напори. {КВ 799.3}

Така Христос разговарал со Своите ученици, отворајќи го нивниот разум за да можат да ги сфатат Писмата. Учениците биле уморни, но разговорот не престанувал. Од усните на Спасителот излегувале зборови на живот и уверување. Но нивните очи биле сè уште затворени. Кога им зборувал за падот на Ерусалим, тие со плачење го набљудувале тој град, осуден на пропаст. Меѓутоа, тие сè уште не ни претпоставувале Кој бил нивниот сопатник. Не помислувале дека покрај нив се наоѓа Оној, на Кого се однесувал разговорот, бидејќи Христос зборувал за Себе како за некоја друга личност. Тие сметале дека Тој е еден од оние кои присуствувале на големиот празник, па сега се враќал во својот дом. Одел исто толку внимателно како и тие преку грубите карпи, застанувајќи повремено заедно со нив за малку да се одмори. Така напредувале по планинската патека, додека покрај нив чекорел Оној, Кој наскоро ќе го заземе Своето место од десната страна на Бога и Кој можел да каже: „Ми се даде сета власт на Небото и на Земјата”. (Матеј 28:18) {КВ 800.1}

Додека патувале, сонцето почнало да заоѓа и пред патниците да стигнат до местото каде што ќе се одморат, работниците на полињата веќе ја напуштиле својата работа. Кога учениците сакале да влезат во својот дом, изгледало како странецот да има намера да го продолжи патот. Меѓутоа, учениците чувствувале дека Тој ги привлекува. Нивните души копнееле да слушнат повеќе од Него. „Остани со нас,“ рекле учениците. Бидејќи изгледало дека Тој не го прифатил повикот, тие навалувале велејќи: „Зашто ноќта наближува и денот е веќе одминат”. Христос попуштил на нивната молба и „влезе да остане со нив”. {КВ 800.2}

Кога учениците не би биле упорни во својот повик, тие не би дознале дека нивниот сопатник е воскреснатиот Господ. Христос никогаш никому не му го наметнува Своето присуство. Тој се грижи за оние на кои им е потребен. Тој со задоволство ќе влезе и во најскромниот дом и ќе го израдува и најпонизното срце. Меѓутоа, ако луѓето се премногу рамнодушни за да мислат на небесниот Гостин или не Го повикуваат да престојува кај нив, Тој продолжува понатаму. Така многумина се соочуваат со голема загуба. Тие не Го препознаваат Христа, како што не Го препознале ни учениците, додека оделе со Него по патот. {КВ 800.3}

Брзо им била приготвена едноставна вечера од леб. Лебот бил поставен пред гостинот, кој го зазел местото на чело на трпезата. Потоа ги испружил рацете за да ја благослови храната. Учениците биле многу изненадени кога нивниот сопатник ги раширил рацете токму онака како што тоа го правел нивниот Учител. Погледнале повторно и ете на Неговите раце ги виделе трагите од клиновите. Двајцата одеднаш извикале: „Ова е Господ Исус! Тој воскресна од мртвите!“ {КВ 800.4}

Тие станале за да Му се фрлат пред нозе и да Му оддадат чест, но Тој исчезнал од нивниот поглед. Го погледнале местото каде што се наоѓал Оној, Кој неодамна бил положен во гроб и зборувале едни на други: „Не гореа ли нашите срца во нас додека патем ни зборуваше и ни го толкуваше Писмото?“ {КВ 801.1}

Не можеле повторно да седнат и да разговараат, бидејќи требале да им ја соопштат и на останатите таа голема вест. Исчезнал нивниот глад и замор. Го оставиле недопрен својот оброк и исполнети со радост веднаш тргнале по истиот пат по кој дошле, брзајќи да им ја однесат радосната вест на учениците во Ерусалим. Патот на некои места бил опасен, па тие се качувале на стрмните падини и се лизгале на мазните карпи. Тие не гледале и не знаеле дека ги штити Оној, Кој по тој пат патувал со нив. Со својот патнички стап во раката брзале, сакајќи да одат побрзо отколку што можеле. Ја губеле стазата и повторно ја наоѓале. Понекогаш трчале, понекогаш се сопнувале, оделе напред, а за сето тоа време во нивна непосредна близина се наоѓал Невидливиот сопатник. {КВ 801.2}

Ноќта била мрачна, но нив ги осветлувало Сонцето на праведноста. Срцата им трепереле од радост. Им се чинело како да се наоѓаат во еден нов свет. Христос е жив Спасител. Не тагувале повеќе за Него како за мртовец. Христос е воскреснат тоа повторно и повторно го повторувале. Тоа била вест што ја носеле на оние кои тагувале. Морале да им ја раскажат прекрасната сторија од патот за Емаус. Морале да им кажат кој им се придружил попатно. Ја носеле најголемата вест која некогаш била дадена на светот, радосна вест на која се заснова надежта на човештвото за време и за вечноста. {КВ 801.3}

84. „МИР ВАМ"

Оваа поглавје е засновано на Лука 24:33-48; Јован 20:19-29.

Стигнувајќи до Ерусалим, двајца ученици влегле во градот низ источната капија, која е отворена ноќе за време на празникот. Куќите потонале во мрак и тишина, но патниците оделе по својот пат низ тесните улички, осветлени од Светлината на месечината. Отишле во горната соба, каде што Исус ги поминал часовите од последната вечер пред Својата смрт. Знаеле дека тука ќе ги најдат своите браќа. Иако било доцна, знаеле дека учениците нема да спијат, додека со сигурност не дознаат што се случило со телото на нивниот Господ. Вратата на собата била цврсто заклучена. Тропнале за да ги пуштат, но не добиле никаков одговор. Сè било тивко. Кога ги кажале своите имиња, вратата внимателно била отклучена, тие влегле, а со нив влегол и Оној, Кој бил Невидлив. Потоа вратата повторно била заклучена за да не влезат шпиони. {КВ 802.1}

Патниците ги затекле сите присутни изненадени и возбудени. Се слушнале гласовите на оние во просторијата како оддаваат благодарност и пофалба со зборовите: „Навистина воскресна Господ и му се јави на Симон”. Тогаш двајцата патници,

задишани од брзината со која патувале, го раскажале чудниот настан како Исус им се открил. Штотуку завршиле, а некои рекле дека не можат да веруваат, бидејќи е премногу добро за да биде вистинито, кога одеднаш пред нив стоел уште една личност. Сите погледи биле насочени кон Странецот. Никој не тропнал за да влезе. Не се слушал никаков шум на чекори. Изненадени, учениците се прашувале што треба да значи тоа. Тогаш слушнале глас, кој можел да биде само гласот на нивниот Учител. Од Неговите усни се слушнале јасни и разбирливи зборови: „Мир вам". {КВ 802.2}

„А тие, збунети и исплашени, мислеа дека гледаат дух. А Тој им рече: 'Зошто сте збунети и зошто се раѓаат такви сомнежи во вашите срца? Погледнете ги Моите раце и Моите нозе Јас сум. Допрете Ме и видете. Духот нема коски и месо, а како што гледате, Јас имам'. Кога го кажа тоа, им ги покажа рацете и стапалата". {КВ 803.1}

Тие ги набљудувале рацете и нозете сурово повредени со грубите клинови. Го препознале Неговиот глас, кој се разликувал од кој било друг што некогаш го слушнале. „Бидејќи тие уште не можеа од радост да веруваат и бидејќи се чудеа, Тој ги праша: 'Имате ли овде нешто за јадење?' А тие му дадоа парче печена риба и мед во саќе. Тој ги зеде и јадеше пред нив". „Тогаш учениците се израдуваа што Го видоа Господа". Верата и радоста го зазеле местото на неверието и тие Го признале својот воскреснат Спасител со чувства кои со зборови не можат да се опишат. {КВ 803.2}

При Исусовото раѓање, ангелите објавиле: „Мир на Земјата и меѓу луѓето добра волја". А сега, при Неговата прва појава меѓу учениците по Своето воскресение, Спасителот им се обратил со благословените зборови: „Мир вам". Исус секогаш е подготвен да донесе мир на душите што се оптоварени со сомнежи и стравувања. Тој чека да Му ја отвориме вратата на своето срце и да Му кажеме: „Остани кај нас". Тој вели: „Еве стојам пред вратата и тропам. Ако некој го чуе Мојот глас и ја отвори вратата, ќе влезам кај него и ќе вечерам со него и тој со Мене". (Откровение 3:20) {КВ 803.3}

Исусовото воскресение било слика на конечното воскресение на сите кои починале во Него. Ликот на Спасителот, Кој воскреснал од гробот, Неговите постапки, Неговите зборови сето тоа им било добро познато на Неговите ученици. Како што Исус воскреснал од мртвите, така ќе воскреснат и оние кои заспале во Него. Ние ќе ги знаеме своите пријатели, како што учениците го познавале Исуса. Во овој живот подложен на смрт, тие можеби биле изобличени, болни или унакажени, но ќе воскреснат совршено здрави и складни. Меѓутоа, и во тоа совршено тело, целосно ќе ја задржат својата личност. „Тогаш ќе познаеме како што и ние сме и самите познати". (1. Коринтјаните 13:12) Во ликовите кои ќе зрачат со светлина од Исусовото лице, ќе ги препознаеме цртите на оние што ги сакаме. {КВ 804.1}

Кога Исус се сретнал со Своите ученици, Тој ги потсетил на зборовите што ги изговорил пред Својата смрт; дека мора да се исполни сè што е напишано за Него во Мојсеевиот закон, во пророците и псалмите. „Тогаш им го отвори умот за да го разберат Писмото, па им рече: Така стои напишано дека Христос мора да пострада и третиот ден да воскресне од мртвите и да се проповеда покајание и проштавање на гревовите на сите народи во Негово име, почнувајќи од Ерусалим. Вие сте сведоци за ова". {КВ 804.2}

Учениците почнале да ја сфаќаат природата и обемот на својата задача. Тие требало да му ги проповедаат на светот прекрасните вистини кои Христос им ги доверил. Настаните од Неговиот живот, Неговата смрт и воскресение, пророштвата кои укажувале на тие настани, светоста на Божјиот закон, тајната на планот на спасението, Исусовата сила да ги простува гревовите на сето тоа тие биле сведоци и тоа требало да

го објават на светот. Требало да го проповедаат евангелието на мирот и спасението, кое се добива со покајание и благодарение на силата на Спасителот. {КВ 805.1}

„Кога ги кажа тие зборови, дувна во нив и им рече: Примете го Светиот Дух! На оние што ќе им ги простите гревовите, простени им се; на оние на кои ќе им ги задржите, задржани им се". Светиот Дух не се манифестирал целосно, бидејќи Христос сè уште не бил прославен. До изобилно давање на Духот дошло дури по Христовото вознесение. Сè додека не Го примиле, учениците не можеле да го исполнат налогот да го проповедаат евангелието низ светот. Меѓутоа, во оваа прилика Духот им бил даден со посебна цел. Тие не можеле да ги исполнат своите должности во врска со црквата, сè додека Христос не ги вдахнал со Својот Дух. Тој им доверил најсвета доверба и сакал добро да сфатат дека тоа дело не може да се изврши без Светиот Дух. {КВ 805.2}

Светиот Дух е здив на духовниот живот во душата. Давањето на Духот значи давање на Христовиот живот. Тој го исполнува примателот со Христови особини. Само оние кои Бог ги учи на тој начин, во кои делува Духот и во чиј живот се манифестира Христовиот живот, треба да стојат како луѓе претставници и да служат во корист на црквата. {КВ 805.3}

„На оние на кои ќе им ги простите гревовите, простени се;... на оние на кои ќе им ги задржите, задржани им се". Со ова Христос не дава право на ниту еден човек да изрече суд на другите. Тој го забранил тоа во Проповедта на Гората. Тоа му припаѓа само на Господа. Меѓутоа, на организираната црква Тој и дава одговорност за секој верник. Оние кои ќе паднат во грев црквата е должна да ги опоменува, да ги поучува и ако е можно, да ги обнови. „Укорувај, предупредувај, охрабрувај," кажува Господ, „со сета долготрпеливост и поука". (2. Тимотеј 4:2) Постапувајте верно со оние кои грешат. Опоменете ја секоја душа која е во опасност. Не дозволувајте некој да падне во самоизмама. Нарекувајте го гревот со неговото вистинско име. Зборувајте го она што го кажал Бог во поглед на лажењето, кршењето на саботата, кражбата, идолопоклонството и сите други зла. „Оние што чинат такви нешта, нема да го наследат Божјото царство". (Галатјаните 5:21) Ако упорно останат во гревот, Небото ќе им го изрече судот што сте им го изрекле според Божјата Реч. Определувајќи се за гревот, тие се откажале од Христа. Црквата мора да им покаже дека не ги одобрува нивните постапки, инаку сама би Го обесчестила својот Господ. Таа мора да го каже за гревот она што Бог го вели за него. Таа мора да постапува со него онака како што и заповедал Бог и нејзините постапки ќе бидат потврдени на небото. Оној што го презира авторитетот на црквата, го презира авторитетот на Самиот Христос. {КВ 805.4}

Меѓутоа, постои и една посветла страна на оваа слика. „На оние на кои ќе им ги простите гревовите, простени им се". Оваа мисла нека ви биде најважна. Во работата за заблудените секој нека го насочи својот поглед кон Христа. Пастирите секогаш нежно нека се грижат за Господовото стадо. На заблудените нека им зборуваат за милоста на Спасителот која проштава. Нека го поттикнуваат грешникот на покајание и вера во Оној, Кој може да даде простување. Врз основа на Божјата Реч нека изјават: „Ако ги признаеме нашите гревови, Тој е верен и праведен да ни ги прости нашите гревови и да не очисти од секоја неправедност". (1. Јованово 1:9) Сите што ќе се покајат имаат уверување: Дој пак ќе ни се смилува нам, под нозе ќе ги стави нашите беззаконија. Сите нивни гревови Ти ќе ги фрлиш во морските длабочини". (Михеј 7:19) {КВ 806.1}

Црквата нека го прифати покајанието на грешникот со благодарно срце. Оној што се кае нека се изведе од темнината на неверството во светлината на верата и

праведноста. Неговите треперливи раце нека се стават во Исусовите раце полни со љубов. Таквото простување се потврдува на небото. {КВ 806.2}

Единствено во таа смисла црквата има власт да му прости на грешникот. Простување на гревот може да се добие единствено преку Христовите заслуги. На ниту еден човек, на ниту една група луѓе не е дадена сила да ја ослободи душата од вината. Христос ги задолжил Своите ученици да проповедаат простување на гревовите во Негово име на сите народи, но тие самите не се овластени да отстранат ниту една дамка од гревот. Исусовото име е единствено „име под небото дадено на луѓето преку кое би можеле да се спасиме". (Дела 4:12) {КВ 806.3}

Кога Исус првпат се сретнал со учениците во горната одаја, Тома не бил со нив. Тој слушнал што зборувале другите и добил изобилство докази за тоа дека Исус воскреснал од мртвите, но неговото срце било исполнето со мрачнина и неверие. Кога слушнал како учениците раскажуваат за прекрасниот начин на кој се покажал воскреснатиот Спасител, тој паднал во уште подлабок очај. Ако Исус навистина воскреснал од мртвите, тогаш веќе нема надеж дека ќе се оствари земното царство. Покрај тоа, неговата суета била повредена кога мислел дека неговиот Учител им се јавил на сите ученици, освен на него. Одлучил да не верува и цела седмица го мачела потиштеност, која се чинела сè помрачна наспроти надежта и верата на неговите браќа. {КВ 806.4}

Во меѓувреме, тој неколку пати изјавил: „Додека не видам на Неговите раце лузни од клиновите и не ставам свој прст во раните од клиновите и додека не ставам своја рака во Неговите ребра нема да верувам". Тој не сакал да гледа со очите на своите браќа, ниту да покаже вера, која би зависела од нивното сведоштво. Тој срдечно го љубел Господа, но дозволил љубомората и неверието да завладеат со неговиот ум и срце. {КВ 807.1}

Некои ученици во тоа време привремено престојувале во споменатата соба, а навечер се собирале сите со исклучок на Тома. Една вечер Тома одлучил да се состане со другите. И покрај сето свое неверие, тој негувал извесна надеж дека радосната вест е вистинита. Додека вечерале учениците разговарале за доказите кои Христос им ги дал во пророштвата. „Додека вратата беше затворена, дојде Исус, застана среде нив и рече: Мир вам!" {КВ 807.2}

Свртувајќи се кон Тома, Исус рекол: „Пружи го својот прст ваму и гледај ги Моите раце. Подај ја својата рака и стави ја во Моите ребра и не биди повеќе неверлив, туку веруваj". Овие зборови покажале дека на Исуса му се познати и мислите и зборовите на Тома. Сомнежливиот ученик знаел дека никој од неговите другари не Го видел Исуса една седмица. Тие не можеле да му раскажат на Учителот за неговото неверие. Во Оној, Кој стоел пред него го препознал својот Господ. Веќе не барал никаков друг доказ. Неговото срце заиграло со радост и фрлајќи се пред Исусовите нозе, тој извикал: „Господ мој и Бог мој". {КВ 807.3}

Исус го прифатил неговото признавање, но благо го укорил за неговото неверие. „Тома, ти поверува затоа што Ме виде. Блазе на оние што не виделе, а веруваат". Верата на Тома би му била угодна на Христа, кога Тома би бил подготвен да верува врз основа на сведоштвата на своите браќа. Доколку светот денес го следи примерот на Тома, никој не би поверувал за спасение, бидејќи сите кои денес Го примаат Христа, мораат да го прават тоа врз основа на сведоштвата на другите. {КВ 807.4}

Многумина кои се сомневаат, го правдаат својот став велејќи дека би верувале кога би имале таков доказ каков што добил Тома од неговите другари. Тие не увидуваат дека им е даден не само тој доказ, туку и нешто многу повеќе. Многумина, кои како Тома

чекаат да се отстрани причината за нивните сомневања, никогаш нема да ја остварат својата желба. Тие постепено сè подлабоко тонат во неверувањето. Оние кои се навикнуваат да ја гледаат само мрачната страна, кои мрморат и се жалат, не знаат што прават. Тие сеат семе на сомнеж и затоа ќе мораат да жнеат жетва на сомневање. Во моментот кога верата и довербата се најнеопходни, многумина ќе се најдат себеси немоќни да се надеваат и веруваат. {КВ 807.5}

Со својата постапка кон Тома Исус им дал поука на Своите следбеници. Неговиот пример покажува како треба да постапуваме кон оние чија вера е слаба и кои ги истакнуваат своите сомнежи. Исус не го опсипал Тома со прекори, ниту стапил во расправа со него. Тој се открил Себеси на оној што се сомневал. Тома бил многу неразумен кога поставувал услови за својата вера но, Исус во Својата великодушна љубов и обѕир ги отстранил сите бариери. Неверувањето ретко може да се победи со препирање, бидејќи тогаш се потпира на самоодбрана и наоѓа нова поддршка и оправдување. Но, дозволете Исус, во Својата љубов и милост, да се открие како распнатиот Спасител и од усните на многумина кои некогаш се противеле, ќе се слушне признавањето на Тома: „Господ мој и Бог мој”. {КВ 808.1}

85. УШТЕ ЕДНАШ ПОКРАЈ МОРЕТО

Оваа поглавје е засновано на Јован 21:1-22.

Христос одредил да се сретне со Своите ученици во Галилеја и набрзо по пасхалната седмица, тие се упатиле таму. Нивното отсуство од Ерусалим за време на празникот би се протолкувало како нелојалност и ерес и затоа останале до крај. Меѓутоа, кога празникот завршил, тие радосно тргнале во своето родно место да се сретнат со Спасителот, како што Тој им заповедал. {КВ 809.1}

Во групата што тргнала имало седум ученици. Тие биле облечени во скромна рибарска облека; биле сиромашни во земните добра, но богати во познавање на вистината и нејзиното применување, што во очите на небото им давало највисока положба како учители. Тие не посетувале пророчки школи, но три и пол години ги поучувал најголемиот Учител, Кој некогаш го познавал светот. Под Негови инструкции тие станале благородни, интелигентни и префинети, орудија преку кои луѓето можеле да бидат доведени во познавање на вистината. {КВ 809.2}

Во текот на Својата јавна служба Христос поминал многу време во близина на Галилејското Море. Кога учениците се собрале на едно место каде што најверојатно нема да бидат вознемирувани, сè што виделе околу себе ги потсетувало на Исуса и на Неговите силни дела. На тоа исто море, Исус одел по огромните бранови да ги спаси, кога нивните срца биле исполнети со ужас, а жестоката бура им се заканувала со уништување. Тука, Неговата Реч ја стивнала бесната бура. Пред нив се наоѓал брегот на кој биле нахранети околу десет илјади луѓе со неколку мали лебови и риби. Недалеку бил Капернаум, местото во кое Христос направил толку многу чуда. Додека ги набљудувале тие предели, нивните умови се исполнувале со зборовите и делата на својот Спасител. {КВ 809.3}

Вечерта била пријатна, а Петар, кој сè уште ја чувствувал старата наклонетост кон чамците и риболовот, им предложил на останатите да испловат и да ги фрлат мрежите. Сите биле подготвени да се придружат; им била неопходна храна и облека и ако имаат

успех во риболовот, ќе можат да ги задоволат своите потреби. Отпловиле со својот чамец, но не уловиле ништо. Цела ноќ работеле, но без никаков успех. Во текот на тие заморни часови тие разговарале за својот отсутен Учител и се сеќавале на прекрасните настани на кои биле сведоци за време на Неговата служба. Размислувале за неизвесноста на својата иднина и се натажиле поради изгледите кои биле пред нив. {КВ 810.1}

За цело тоа време еден осамен набљудувач на брегот ги следел со Својот поглед, додека самиот Тој бил невидлив за нив. Конечно осамнала зората. Чамецот бил малку оддалечен од брегот и учениците здогледале еден непознат човек како стои на брегот, кој им се обратил со прашањето: „Деца, имате ли нешто за јадење?“ Кога одговориле: „Немаме,“ Тој им рекол: „Фрлете ја мрежата на десната страна од чамецот и ќе најдете. Тие ја фрлија и не можеа да ја извлечат од мноштво риби”. {КВ 810.2}

Јован Го препознал странецот, па му рекол на Петар: „Тоа е Господ”. Петар бил толку среќен и толку радосен што во својата ревност скокнал во водата и наскоро стоел покрај својот Учител. Останатите ученици со чамец дошле до брегот, влечејќи ја со себе мрежата со риби. „Кога излегоа на копно, видоа разгорен оган и на него ставено риба и леб”. {КВ 810.3}

Тие биле премногу воодушевени за да прашаат од каде потекнуваат храната и огнот. „Исус им рече: Донесете од рибите што ги фативте сега”. Петар побрзал до мрежата која ја оставил и им помогнал на своите браќа да ја извлечат на брегот. Кога ја завршиле својата работа и извршиле подготовка, Исус ги повикал да јадат. Додека ја кршел храната и ја делел, сите седуммина Го препознале. Чудото што го направил на падината на гората, кога нахранил пет илјади луѓе, повторно оживеало во нивните сеќавања; но ги обзела таинствена стравопочит и без зборови го набљудувале својот воскреснат Спасител. {КВ 810.4}

Живо се сеќавале на сцената крај морето кога Исус првпат ги повикал да тргнат по Него. Се сеќавале како на Негова заповед отишле во длабината и ги фрлиле мрежите и како уловот бил толку изобилен, што мрежата дури им се кинела. Тогаш Исус ги повикал да ги остават своите рибарски чамци и им ветил дека ќе ги направи ловци на луѓе. За да ги потсети на тој настан и споменот да биде повпечатлив, Тој го направил тоа чудо. Неговата постапка била обновување на налогот што им го дал на учениците. На тој начин им покажал дека смртта на нивниот Учител не ја намалила нивната обврска да ја извршат задачата која им била наменета. Иако ќе бидат лишени од личното дружење со Него и од средствата за живот што ги стекнувале со својата поранешна работа, воскреснатиот Спасител и понатаму ќе се грижи за нив. Сè додека го вршеле Неговото дело, Тој ќе се погрижи за нивните потреби. Тоа што им рекол да ги фрлат мрежите од десната страна на чамецот, било кажано со одредена цел. Тој стоел токму од таа страна на брегот. Тоа била страната на верата. Ако работат во заедница со Него Неговата божествена моќ соединета со нивните човечки напори тогаш успехот не може да изостане. {КВ 810.5}

Христос имал да даде и друга поука, која се однесувала особено на Петар. Петар се откажал од својот Господ, што било во срамна спротивност со неговата претходно дадена изјава за лојалност. Тој Го обесчестил Христа и предизвикал недоверба кај своите браќа. Тие мислеле дека нема да му биде дозволено да ја заземе својата поранешна положба меѓу нив и самиот тој чувствувал дека ја изиграл својата доверба. Пред да биде повикан повторно да ја преземе својата апостолска должност, тој пред сите морал да даде доказ за своето покајание. Без тоа, неговиот грев, иако се покајал

поради него, би можел да го уништи неговото влијание како Христов слуга. Спасителот му пружил можност повторно да ја стекне довербата на своите браќа и колку што е можно, да го отстрани срамот што му го нанел на евангелието. {КВ 811.1}

Тука се наоѓа поука за сите Христови следбеници. Евангелието никогаш не создава компромис со злото. Тоа не може да го оправда гревот. Тајните гревови мораат тајно да му се признаат на Бога; но за отворениот грев е потребно и отворено признавање. Срамот поради гревот на ученикот, се префрла на Христа. Поради тоа сатаната ликува, а колебливите души се сопнуваат. Давајќи доказ за своето покајание, ученикот, колку што е во негова моќ, треба да го отстрани овој срам. {КВ 811.2}

Додека Христос и учениците заедно јаделе на морскиот брег, Спасителот му рекол на Петар: „Симоне, сине Јонин, Ме љубиш ли повеќе од овие?“; мислејќи при тоа на неговите браќа. Петар во една прилика изјавил: „Ако сите се соблазнат поради Тебе, јас нема никогаш да се соблазнам”. (Матеј 26:33) Меѓутоа, сега дал поверна оценка за себе. Тој рекол: „Да, Господе, Ти знаеш дека Те љубам”. Тука немало никакво бурно уверување дека неговата љубов е поголема од љубовта на неговите браќа. Сега веќе не давал свое лично мислење за својата преданост. Тој го препуштил судот за својата искреност на Оној, Кој ја чита секоја мисла и ја знае секоја побуда на срцето „Ти знаеш дека Те љубам”. Исус му рекол: „Паси ги Моите јагнишња”. {КВ 811.3}

Исус повторно го ставил Петар на проба, повторувајќи ги Своите порано изговорени зборови: „Симоне, сине Јонин, Ме љубиш ли?“ Овој пат не го прашал Петар дали Го љуби повеќе од своите браќа. Вториот одговор бил сличен на првиот, без претерано уверување: „Да, Господе, Ти знаеш дека Те љубам!“ Исус му рекол: „Паси ги Моите овци”. Уште еднаш Спасителот му го поставил тоа болно прашање: „Симоне, сине Јонин, Ме љубиш ли?“ Мислејќи дека Исус се сомнева во неговата љубов, Петар се растажил. Знаел дека неговиот Господ има причини да се сомнева во него, па со срце полно со болка, одговорил: „Господе, Ти сè знаеш! Ти знаеш дека те љубам!“ Исус уште еднаш му одговорил: „Паси ги Моите овци”. {КВ 812.1}

Три пати Петар отворено се откажал од својот Господ и три пати Исус добил од него цврсто уверување за неговата љубов и лојалност, упатувајќи му го тоа прашање, како остра стрела во неговото рането срце. Пред насобраните ученици, Исус ја открил длабочината на Петровото покајание и покажал колку длабоко се понизил ученикот кој некогаш се фалел. {КВ 812.2}

Петар по природа бил брз и избувлив и сатаната ги користел тие негови особини за да го совлада. Непосредно пред Петар да падне, Исус му рекол: „Еве, сатаната посака да може да ве просее како пченица, но Јас се молев за тебе твојата вера да не ослабне. А ти, кога ќе се обратиш, зацврсти ги своите браќа”. (Лука 22:31,32) Тоа време сега настапило и преобразувањето на Петар било очигледно. На отворените и толку болно поставени прашања, Учителот сега не добил ниту еден единствен непромислен и самоуверен одговор. Поради таа своја понизност и покајание, Петар бил подобро од кога било подготвен да делува како пастир на стадото. {КВ 812.3}

Прва работа што Христос му ја доверил на Петар била да ги пасе јагнињата. Тоа била работа за која Петар имал малку искуство. Таа должност бара многу грижа и нежност, многу трпение и истрајност. Бил повикан да им служи на оние кои се млади во верата, да ги поучува неупатените, да ги отвора пред нив Светите Списи и да ги подготвува за корисни работници во служба за Христа. До тој период Петар не бил подготвен за таа должност, ниту пак да го сфати нејзиното значење. Меѓутоа, сега Исус го повикал да ја

врши оваа работа. За извршување на оваа задача го приготвиле личното искуство на страдање и покајание. {КВ 812.4}

Пред својот пад, Петар секогаш зборувал непромислено, според моменталната побуда. Секогаш бил подготвен да ги коригира другите и да донесува свој суд пред да има јасна претстава за себе или за она што треба да го каже. Меѓутоа, обратениот Петар бил многу поинаков. Тој го сочувал својот поранешен жар, но Христовата благодат правилно ја насочила неговата ревност. Тој веќе не бил избувлив, самоуверен и вообразен, туку спокоен, трпелив и поучлив. Тогаш бил во состојба да ги храни јагнињата и овците во Христовото стадо. {КВ 812.5}

Начинот на кој Спасителот постапил со Петар, претставувал поука и за него и за неговите браќа. Тоа ги научило со престапникот да постапуваат трпеливо, сочувствително и со љубов која простува. Иако Петар се откажал од својот Учител, љубовта со која Исус се однесувал кон него никогаш не се поколебала. Таква, токму таква љубов треба да чувствува секој потпастир кон овците и јагнињата доверени на негова грижа. Сеќавајќи се на своите слабости и пропусти, Петар требало да постапува нежно со своето стадо, исто толку нежно, како што Христос постапувал кон него. {КВ 815.1}

Значајно било прашањето што Христос му го поставил на Петар. Тој споменал само еден услов за ученичество и служба. „Ме љубиш ли?“ рекол Тој. Тоа е суштинска квалификација. Иако Петар можел да ги има сите други услови, без Христова љубов, не би можел да биде верен пастир на Неговото стадо. Знаењето, добродетелноста, речитоста, благодарноста и ревноста сите тие особини се од помош во добрата работа, но без Христовата љубов во срцето, работата на христијанскиот проповедник е промашена работа. {КВ 815.2}

Исус одел сам со Петар, бидејќи имало нешто што сакал да му соопшти само нему. Пред Својата смрт, Исус му рекол: „Каде што одам Јас, ти сега не можеш да Ме следиш, но после ќе Ме следиш”. На ова Петар одговорил: „Господе, зошто сега не можам да Те следам? Животот ќе го дадам за Тебе”. (Јован 13:36,37) Кога го кажал тоа, Петар многу малку знаел до какви височини и длабочини овојпат ќе Го поведат Христовите нозе. Петар не се одржал кога наишла пробата, но повторно ќе му биде дадена можност да ја докаже својата љубов кон Христа. За да зајакне за последната проба на својата вера, Спасителот му ја открил неговата иднина. Му кажал дека по неговото корисно живеење, кога годините на животот ќе ја исцрпат неговата сила, навистина ќе го следи својот Господ. Тој му рекол: „Кога беше млад, се опашуваше себеси и одеше каде што сакаше, но кога ќе остариш, ќе ги раширш рацете и друг ќе те опашува и ќе те одведе каде што не сакаш. Тоа го кажа означувајќи со каква смрт тој ќе Го прослави Бога”. {КВ 815.3}

На тој начин Исус го запознал Петра со начинот на кој ќе умре. Претскажал дека и рацете ќе му бидат раширени на крст. Повторно му наложил на Својот ученик: „Следи Ме!“ Ова откровение не го обесхрабрило Петар. Тој бил подготвен да претрпи секаква смрт за својот Господ. {КВ 815.4}

До тогаш Петар го познавал Христа само во човечки облик, како што многумина и денес Го познаваат; но не требало и понатаму да биде така ограничен. Тој не го познавал повеќе Него онака како што го познавал порано додека се дружел со Него во човечки облик. Тогаш Го љубел како човек, како учител испратен од небото, но сега Го љубел како Бог. Ја учел поуката дека Христос за него е сè во сè. Сега бил подготвен да учествува во самопожртвуваната мисија на својот Господ. Кога на крај бил доведен до крстот, Петар, на свое лично барање, бил распнат со главата свртена надоле. Сметал

дека за него е премногу голема чест да пострада на ист начин како и неговиот Учител. {КВ 815.5}

Христовите зборови: „Следи ме,“ за Петар биле полни со поука, не само во поглед на неговата смрт, туку и во поглед на секој чекор во неговиот живот. До тогаш Петар бил склон да делува независно. Се обидувал да прави планови за Божјото дело, наместо малку да почека и да го следи Божјиот план. Меѓутоа, не постигнал ништо со тоа што избрзувал пред Учителот. Исус му наложил: „Следи Ме”. „Не трчај пред Мене, за да не мораш сам да се судираш со силите на сатаната. Дозволи Јас да одам пред тебе и тогаш непријателот нема да те совлада”. {КВ 816.1}

Одејќи така покрај Исуса, Петар забележал дека по нив оди и Јован. Тогаш кај него се јавила желба да ја дознае неговата иднината, и тој „му рече на Исуса: Господе, а што ќе се случи со овој? Исус му одговори: Ако сакам тој да остане додека не дојдам пак, што те засега тоа тебе? Ти следи Ме”. Петар требало да има на ум дека неговиот Господ ќе му открие сè што би било најдобро за него да го знае. Должност на секој поединец е да го следи Христа, не грижејќи се многу за задачата што им е наменета на другите. Зборувајќи за Јована: „Ако сакам тој да остане додека не дојдам пак,“ Христос не дал никакво уверување дека тој ученик ќе живее до Господовото второ доаѓање. Тој само ја потврдил Својата врховна власт и дека, дури и кога би сакал да биде така, тоа воопшто нема да влијае на задачата на Петар. Иднината на двајцата, и на Петар и на Јован, била во рацете на нивниот Господ. Послушноста во чекорењето по Него била должност која се барала од двајцата. {КВ 816.2}

Колку има денес такви кои се слични на Петар! Тие се интересираат што прават другите и желни се да ја запознаат нивната должност, додека се во опасност да ги занемарат своите обврски. Наша работа е да гледаме во Христа и да одиме по Него. Ние ќе најдеме грешки во животите на другите и мани во нивниот карактер. Човечката природа е подложна на слабости. Меѓутоа, во Христа ќе најдеме совршенство. Гледајќи во Него, ние ќе се преобразиме. {КВ 816.3}

Јован доживеал длабока старост. Бил очевидец на разурнувањето на Ерусалим и на рушењето на величествениот храм Симболот на конечната пропаст на светот. Тој го следел својот Господ до своите последни денови. Суштината на неговото сведоштво за црквите била: „Возљубени, да се сакаме еден со друг,“ „оној што останува во љубовта, останува во Бога и Бог останува во него”. (1. Јованово 4:7,16) {КВ 816.4}

Петар бил вратен во неговото апостолство, но честа и авторитетот што ги примил од Христа не му дале никаква превласт над неговите браќа. Тоа Христос јасно го истакнал кога, одговарајќи на прашањето на Петар: „Што ќе биде со овој?“; Тој рекол: „Што те засега тоа тебе? Ти следи Ме!“ На Петар не му била дадена честа да биде глава на црквата. Наклонетоста која Христос му ја укажал, простувајќи му го одметнувањето и доверувајќи му да го пасе стадото и неговата лична верност во одењето по Христа, Петар ја стекнал довербата на своите браќа. Неговото влијание во црквата било големо. Меѓутоа, поуката која Христос му ја дал на брегот на Галилејското Море, Петар ја носел со себе во текот на целиот свој живот. Пишувајќи им на црквите под вдахновение на Светиот Дух, тој рекол: {КВ 817.1}

„Старешините меѓу вас ги повикувам јас, кој самиот сум старешина и сведок на Христовите страдања и учесник во славата што ќе се покаже: Пасете го Божјото стадо што е меѓу вас и надгледувајте го, не со сила, туку драговолно; не со желба за валкана добивка, туку од добро срце. Не како господари над Божјото наследство, туку бидете

му пример на стадото. И кога ќе се појави врховниот Пастир, ќе примите круна на слава што не венее". (1. Петрово 5:1-4) {КВ 817.2}

86. „ОДЕТЕ И НАУЧЕТЕ ГИ СИТЕ НАРОДИ"

Оваа поглавје е засновано на Матеј 28:16-20

Стоејќи само еден чекор од Својот небесен престол, Христос им дал налог на Своите ученици: „Дадена ми е сета власт на Небото и на Земјата," рекол Тој. „Одете и научете ги сите народи". „Одете насекаде низ светот и проповедајте го евангелието на секое создание". (Марко 16:15) Овие зборови биле повторени повеќепати за учениците да можат го сфатат нивното значење. Сите жители на Земјата големи и мали, богати и сиромашни треба да бидат осветлени од јасните и силни зраци на небесната светлина. Учениците требало да соработуваат со својот Откупител во делото на спасување на светот. {КВ 818.1}

Налогот им бил даден на дванаесетминатa кога Христос се сретнал со нив во горната соба; но сега требало да биде даден на еден поголем број. На средбата одржана на една гора во Галилеја се собрале сите верници кои можеле да бидат повикани. Времето и местото на одржување на овој собир, го одредил Христос уште пред Својата смрт. Ангелот на гробот ги потсетил учениците на Неговото ветување дека ќе се сретне со нив во Галилеја. Ова ветување им било повторено на верниците кои се собрале во Ерусалим за време на пасхалната седмица, а преку нив допрело до многу осамени поединци кои ја оплакувале смртта на својот Учител. Сите тие со голем интерес ја очекувале оваа средба. За да не предизвикаат сомневање кај љубоморните Евреи, оделе по споредни патеки, така што на местото за средба пристигнувале од различни насоки. Дошле со восхитени срца, прераскажувајќи ги радосните вести за Христовото воскресение кои допреле до нив. {КВ 818.2}

Во закажаното време на падината на гората во помали групи се собрале околу петстотини верници кои сакале да дознаат сè што можело да се дознае за Христа од оние кои Го виделе по Неговото воскресение. Учениците оделе од група до група, прераскажувајќи сè што виделе и слушнале од Исуса, резонирајќи од Светото Писмо, како што правел и Тој, кога зборувал со нив. Тома ја раскажал сторијата за своето неверие и како биле растерани неговите сомнежи. Одеднаш меѓу нив се појавил и Исус. Никој не бил во состојба да каже од каде и на кој начин дошол. Многумина од присутните никогаш порано не Го виделе, но на Неговите раце и нозе ги гледале трагите од распнувањето. Неговото лице било како Божјо лице и кога Го здогледале, Му се поклониле. {КВ 818.3}

Меѓутоа некои се сомневале. Така ќе биде секогаш. Има личности кои тешко веруваат и се поставуваат на страната на сомнежот. Таквите губат многу поради своето неверување. {КВ 819.1}

Тоа бил единствениот разговор што го имал Исус со многу верници по Своето воскресение. Пристапувајќи кон нив, им се обратил со овие зборови: „Ми се даде секоја власт на Небото и на Земјата". Учениците Му се поклониле уште пред да проговори; меѓутоа, Неговите зборови, излегувајќи од усните што биле затворени за време на смртта, ги проникнале со посебна сила. Сега Тој бил воскреснатиот Спасител. Многумина од нив биле сведоци на манифестирање на Неговата моќ во лекувањето на

болните и совладувањето на сатанските сили. Биле уверени дека имал моќ да воспостави Свое царство во Ерусалим, сила да ги совлада Своите противници и власт над силите на природата. Тој го стивнувал бесното море, одел по врвовите на неговите пенливи бранови. Тој воскреснувал мртви. Сега Тој изјавува дека Му е дадена „сета власт". Неговите зборови ги издигнале мислите на Неговите слушатели над сè што е земно и минливо и ги насочиле кон она што е небесно и вечно. Тие се издигнале до највисоката претстава за Неговото достоинство и слава. {КВ 819.2}

Христовите зборови изговорени на падината на гората потврдувале дека Неговата жртва за човештвото била потполна и совршена. Условите на помирување на човекот со Бога биле исполнети; било извршено делото заради кое Тој дошол на овој свет. Тој бил на пат кон Божјиот престол, каде што ќе Му се поклонуваат и ќе Му служат ангелите, поглаварствата и силите. Тој го започнал Своето посредничко дело. Облечен со неограничена власт, им дал налог на Своите ученици: „Одете и научете ги сите народи, крштавајќи ги во името на Отецот, и Синот, и Светиот Дух, и учејќи ги да пазат сè што сум ви заповедал; и ете, Јас сум со вас преку сите дни до свршетокот на светот". (Матеј 28:19,20) {КВ 819.3}

Еврејскиот народ бил сметан за чувар на светите вистини; меѓутоа, фарисејството ги претворило во најисклучителен народ со најголеми предрасуди од сите други народи. Сето она што се однесувало на свештениците и поглаварите нивната облека, обичаи, обреди преданија сето тоа ги направило несоодветни за да бидат светлина на светот. Меѓутоа, Христос им наредил на Своите ученици да проповедаат вера и начин на служење на Бога што не е врзан за некој општествен слој или територија, вера која ќе биде прилагодена на сите луѓе, сите народи и сите општествени класи. {КВ 819.4}

Пред да се одвои од Своите ученици, Христос јасно ја опишал природата на Своето царство. Ги потсетил на сето она што веќе им го кажал во врска со тоа. Им рекол дека Негова цел не било да основа минливо земно царство, туку едно духовно царство. Тој нема како земен цар да владее на Давидовиот престол. Уште еднаш им ги отворил Светите Списи, покажувајќи им дека сето она низ што поминал било одредено на небото, во советот одржан помеѓу Него и Таткото. Луѓето вдахнати од Светиот Дух сето тоа одамна го претскажале. „Гледате," рекол Тој, „дека се случи сето она што ви го открив дека ќе бидам отфрлен како Месија. Се исполни сè што ви зборував во поглед на понижувањата кои морам да ги претрпам и смртта со која ќе умрам. Третиот ден Јас повторно станав. Проучувајте ги повнимателно Светите Списи и ќе се уверите дека пророштвата што се однесуваат на Мене се исполниле во сите детали". {КВ 820.1}

Христос им наложил на Своите ученици да ја извршат задачата која им ја препуштил, започнувајќи од Ерусалим. Ерусалим било местото на кое се случило Неговото зачидувачко понижување за човечкиот род. Тука страдал, бил отфрлен и осуден. Јудеја била Неговото родно место. Тука Тој, облечен во човечка природа, одел со луѓето, а само неколку од нив увидувале колку небото се доближило до Земјата додека Исус бил меѓу нив. Делото доверено на учениците мора да започне од Ерусалим. {КВ 820.2}

Со оглед на сè што претрпел Христос во него и работата која ја вложил таму, а не се ценела, учениците можеле да бараат да им одреди поле на работа кое повеќе ветува, но тие не го направиле тоа. Тие требало да ја работат токму онаа нива што Тој лично ја посеал со семето на вистината, бидејќи семето посеано тука, ќе никне и ќе донесе богата жетва. Поради љубомората и омразата на Евреите, учениците морале да поднесуваат прогонства во својата работа, но и нивниот Учител го претрпел сето тоа, па

затоа ниту тие не смеат да го избегнат тоа. Милоста прво мора да се понуди на убијците на Спасителот. {КВ 820.3}

Многумина од ерусалимските жители тајно верувале во Исуса, а многумина биле измамени од свештениците и поглаварите. Ним исто така требало да им се објави веста на евангелието. Тие требало да бидат повикани на покајание. Морала јасно да се изложи прекрасната вистина дека простувањето на гревот може да се добие само преку Христа. Додека жителите на Ерусалим сè уште биле под впечаток од возбудливите настани што се одиграле во текот на неколкуте изминати седмици, проповедањето на евангелието ќе остави најдлабок впечаток. {КВ 820.4}

Меѓутоа, делото на смее тука да запре. Тоа треба да се прошири до најоддалечените краеви на Земјата. Христос им рекол на Своите ученици: „Вие бевте очевидци на Мојот живот на самопожртвување во корист на светот. Бевте сведоци на Моите напори вложени за Израел. Иако не сакаа да дојдат кај Мене за да имаат живот, иако свештениците и поглаварите го направија со Мене она што сакаа, иако Ме отфрлија како што е претскажано во Писмото, Сепак уште еднаш ќе им биде дадена можност да Го примат Божјиот Син. Видовте дека секој што ќе дојде кај Мене, признавајќи ги своите гревови, го примам безусловно. Јас никогаш нема да го отфрлам оној што ќе дојде кај Мене. Секоја душа која го сака тоа, може да се помири со Бога и да добие вечен живот. На вас, Моите ученици, ви ја доверувам оваа порака на милост. Таа прво мора да му се објави на Израел, а потоа на сите народи, јазици и племиња. Таа треба да им се проповеда и на Евреите и на незнабошците. Сите што ќе поверуваат, треба да се соберат во една црква". {КВ 821.1}

Благодарение на дарот на Светиот Дух, учениците требало да примат чудесна сила. Нивното сведоштво ќе биде потврдено со знаци и чуда. Сила да прават чуда ќе имаат не само апостолите, туку и оние што ќе ја прифатат нивната порака. Исус рекол: „Во Мое име тие ќе истеруваат ѓаволи; ќе зборуваат нови јазици; ќе земаат змии со раце; ако испијат нешто смртоносно, нема да им наштети; ќе стават раце врз болни и тие ќе оздравуваат". (Марко 16:17,18) {КВ 821.2}

Труењето во тоа време често се практикувало. Несовесните луѓе не се двоумеле на таков начин да ги отстранат оние што стоеле на патот на нивните амбиции. Исус знаел дека животот на Неговите ученици ќе биде изложен на таква опасност. Многумина ќе ги предаваат на смрт Неговите сведоци и ќе мислат дека му вршат служба на Бога. Затоа Исус им ветил дека ќе бидат заштитени од таквата опасност. {КВ 821.3}

На учениците им е ветена истата онаа сила што ја имал Христос да лекуваат „секаков вид болест и секаква немоќ кај луѓето". „Исцелувајќи ги во Негово име болестите на телото, тие ќе сведочат за Неговата моќ да ја исцели и душата". (Матеј 4:23; 9:6) Тогаш им е ветен и еден нов дар. Учениците требало да проповедаат меѓу другите народи и ќе добијат моќ да зборуваат на други јазици. Апостолите и нивните соработници биле необразовани луѓе, но преку излевањето на Светиот Дух на денот на Педесетница, нивниот говор како на мајчин, така и на странски јазик станал чист, едноставен и правилен како во изразот, така и во изговорот. {КВ 821.4}

Така Христос им ги одредил должностите на Своите ученици. Тој се погрижил за сè што било потребно за да продолжи делото и на Себе ја презел одговорноста за неговиот успех. Сè додека ја слушаат Неговата Реч и работат поврзани со Него, не можат да доживеат неуспех. Одете кај сите народи, им наложил Тој. Одете до најоддалечените места на Земјата и знајте дека и таму ќе бидам присутен. Работете со вера и доверба, бидејќи никогаш нема да дојде време кога ќе ве оставам. {КВ 822.1}

Во налогот што Христос им го дал на Своите ученици се вклучени сите верници. Тој ги вклучува сите верници во Христа до крајот на времето. Фатална е заблудата да се претпоставува дека делото на спасение на душите зависи само од ракоположениот проповедник. Евангелието е доверено на секој што добива небесно вдахновение. Секој што ќе го прими Христовиот живот е ракоположен да работи за спасение на своите ближни. Заради тоа е основана црквата и секој што ќе го прифати на себе светиот завет, се обврзува дека ќе биде Христов соработник. {КВ 822.2}

„Духот и невестата зборуваат: Дојди. И кој ќе чуе, нека каже: Дојди". (Откровение 22:17) Секој што го слуша ова треба да ја повтори поканата. Без оглед на животниот повик, прва должност на секој поединец треба да биде придобивање души за Христа. Можеби тој не е во состојба да зборува пред собранија, но затоа може да се залага за поединци. Тој може да им ги пренесува поуките што ги примил од својот Господ. Службата не се состои само во држење проповеди. Делото на евангелието го вршат и оние кои ги ублажуваат страдањата на болните и несреќните, кои им помагаат на сиромашните и им упатуваат зборови на утеха на потиштените и на маловерните. Насекаде околу нас, близу и далеку, се наоѓаат души што се притиснати од чувство на вина. Изопаченоста на човечкиот род не произлегува од неговите тешкотии, неволји и сиромаштија, туку од вината и правењето зло. Тоа донесува немир и незадоволство. Христос сака Неговите слуги да им служат на душите заболени од грев. {КВ 822.3}

Учениците требало да го започнат своето дело таму каде што се наоѓале. Не смееле да го заобиколат најтешкото поле, кое најмалку ветувало. Така, секој Христов работник треба да започне таму каде што се наоѓа. Во нашето семејство можеби има души кои се жедни за сочувство, души кои гладуваат за лебот на животот. Можеби има деца кои треба да се воспитаат за Христа. Постојат незнабошци покрај нашите порти. Да ја извршиме верно задачата која ни е најблиска. Потоа нашите напори треба да се прошируваат онолку далеку Колку што не води Божјата рака. Делото на многумина можеби изгледа ограничено од постоечките околности, но каде и да е, ако се врши верно и ревно, влијанието на таквото дело ќе се почувствува и во најоддалечените краеви на светот. Изгледало дека и Христовото дело за време на Неговиот живот се ограничувало на едно тесно попе, но Неговата порака ја слушнале мноштва од сите земји на светот. Бог често со наједноставни средства остварува најголеми резултати. Негов план е секој дел од Неговото дело да зависи од секој друг дел, како тркало во тркало, кои работат хармонично. Поттикнат од Светиот Дух, и најпонизниот работник ќе допре невидливи жици чии вибрации ќе кружат до крајот на Земјата и ќе сочинат мелодија низ сета вечност. {КВ 822.4}

Меѓутоа, не смееме да ја изгубиме од вид заповедта: „Одете по сиот свет". Повикани сме да го подигнеме својот поглед и на пределите од другата страна. Христос го срушил ѕидот на одвојување, поделеноста од националните предрасуди и не учи да ги сакаме сите членови на човечкото семејство. Тој ги подига луѓето од тесниот круг што ја одредува нивната себичност и ги укинува сите територијални граници и вештачки создадени бариери во општеството. Тој не прави никаква разлика помеѓу соседите и странците, помеѓу пријателите и непријателите. Тој не учи дека секому кому му е потребна помош да го сметаме за свој брат, а цел свет за свое работно поле. {КВ 823.1}

Кога Спасителот рекол: „Одете,... и научете ги сите народи," Тој исто така рекол: „Оние кои ќе поверуваат, ќе ги следат овие знаци; во Моето име ќе истеруваат лоши духови; ќе зборуваат нови јазици; ќе земаат змии во раце; ако испијат нешто смртоносно, нема да им наштети; ќе стават раце врз болни и тие ќе оздравуваат".

Ветувањето било исто толку далекусежно како и дадениот налог. На секој верник не му се даваат сите дарови. Духот му дава „секому како што сака”. (1. Коринтјаните 12:11) Меѓутоа, даровите на Духот му се ветени на секој верник во сообразност со неговите потреби во Господовото дело. Тоа ветување и денес е исто толку цврсто и веродостојно, како што било во времето на апостолите. „Оние кои ќе поверуваат, ќе ги следат овие знаци”. Тоа е привилегија на Божјите деца, а верата треба цврсто да се држи за сè она што е можно да се прими со вера. {КВ 823.2}

„Ќе стават раце врз болни и тие ќе оздравуваат”. Овој свет е една голема болница, но Христос дошол да ги исцели болните, да објави слобода на сите што станале робови на сатаната. Во Него имало здравје и сила. Тој го давал Својот живот на болните, несреќните и оние кои биле опседнати со демони. Тој не одбил ниту една душа која дошла да ја прими Неговата исцелувачка моќ. Знаел дека оние кои Му се обраќале за помош најчесто сами на себе ја навлекле болеста, а Сепак не одбил да ги исцели. Кога Неговата сила влегла во тие бедни души, тие станале свесни за својот грев и многумина биле исцелени не само од телесните, туку и од духовните болести. Евангелието сè уште ја има таа иста моќ и зошто и денес не би биле сведоци на истите резултати? {КВ 823.3}

Христос го чувствува јадот на секој страдалник. Кога злите духови измачуваат едно човечко суштество, Христос го чувствува тоа проклетство. Кога грозницата ја исцрпува животната енергија, Христос ја чувствува агонијата. Тој и денес е исто толку подготвен да го излекува секој болен исто така како што правел кога бил на Земјата. Христовите слуги се Негови претставници, канали преку кои Тој делува. Преку нив Тој сака да ја манифестира Својата исцелувачка моќ. {КВ 823.4}

Начинот на кој Спасителот ги лекувал болните содржи поука за Неговите ученици. Во еден случај, на човекот кој бил слеп, му ги помазал очите со кал и му рекол: „Оди и измиси се во бањата Силоам... Тој отиде, се измии се врати гледајќи“ (Јован 9:7) Исцелувањето можело да се изврши само со силата на Големиот Исцелител, но Христос Сепак користел едноставни средства од природата. Иако не давал поддршка на печењето со лекови, ја одобрил употребата на едноставни и природни лекови. {КВ 824.1}

На мнозина болни кои примиле исцелување, Христос им рекол: „Не греши повеќе за да не те снајде нешто полошо”. (Јован 5:14) Со тоа го потврдил учењето дека болеста е последица од кршењето на Божјите закони, во природен или духовен поглед. Кога луѓето би живееле во склад со планот на Создателот, во светот не би постоела големата беда. {КВ 824.2}

Христос бил Водач и Учител на стариот Израел и ги учел дека здравјето е награда за покорувањето на Божјите заповеди. Големиот Лекар, Кој ги исцелувал болните во Палестина, му зборувал на Својот народ преку столб од облак, упатувајќи ги што треба да прават и што ќе направи Бог за нив. „Ако сесрдно го слушаш гласот на својот Господ Бог,“ рекол Тој, „правејќи што е право во Неговите очи, ако го насочуваш увото кон Неговите заповеди и ако ги држиш сите Негови повелби, нема да ви пратам ниту една болест од болестите што ги пратив на Египќаните; зашто Јас сум Господ, Кој те лекува”. (Излез 15:26) Христос им дал на Израелците детални упатства во поглед на нивните животни навики и им дал цврсто ветување: „Господ ќе ја отстрани од тебе секоја болест”. (Второзаконие 7:15) Кога тие ги исполниле условите, им се потврдило ветувањето: „И немаше ниту еден болен во нивните племиња”. (Псалм 105:37) {КВ 824.3}

Овие поуки се за нас. Постојат одредени услови кои мораат да ги исполнат сите што сакаат да го сочуваат своето здравје. Сите треба да знаат кои се тие услови. Непознавањето на божествените закони, било во природен или во духовен поглед, не му е по волја на Господа. Ние треба да соработуваме со Бога во обновување на здравјето на телото како и на душата. {КВ 824.4}

И ние треба да ги поучуваме и другите како да го сочуваат или повратат здравјето. За лекување на заболените треба да се употребат средства кои Бог ги обезбедил во природата и ние треба да ги упатиме на Оној, Кој единствено може да ги излекува. Наша задача е болните и страдалниците во прегратките на својата вера да ги донесеме кај Христа. Мораме да ги учиме таквите да веруваат во Големиот Исцелител. Ние треба да се потпреме на Неговите ветувања и потоа во молитва да побараме манифестирање на Неговата сила. Суштината на евангелието е обновување и Спасителот сака на болните, безнадежните и несреќните да им наложиме да се држат за Неговата сила. {КВ 824.5}

Во сето Христово дело на исцелување се манифестирала силата на љубовта и само ако со вера учествуваме во таа љубов, можеме да бидеме орудија за Неговото дело. Ако занемариме со божествена врска да се поврземе со Христа, струјата на животодавната енергија не може преку нас изобилно да тече на другите. Имало места каде што ниту Спасителот не можел да изврши многу силни чуда поради нивното неверување. Така и денес неверувањето ја одвојува црквата од нејзиниот божествен Помошник. Таа слабо се држи за вечните стварности. Поради нејзиниот недостаток на вера, Бог е разочаран и лишен од Својата слава. {КВ 825.1}

На црквата и е ветено Христово присуство, ако го извршува Неговото дело. „Одете и научете ги сите народи“, рекол Тој; „и ете, Јас сум со вас во сите денови до крајот на светот”. Да се земе Неговиот јарем е еден од првите услови за примање на Неговата сила. Самиот живот на црквата зависи од нејзината верност во извршување на Господовиот налог. Да се запостави оваа задача значи да се повика духовната слабост и пропаста. Каде што нема активна работа за други, љубовта исчезнува, а верата темнее. {КВ 825.2}

Христова намера е проповедниците да бидат воспитувачи на црквата во делото на евангелието. Тие треба да ги учат луѓето како да ги бараат и спасуваат загубените. Дали тие го извршуваат тоа дело? За жал, колкумина од нив се трудат да ја разгорат искрата на животот во црквата подготвена да умре! За колку цркви, како за болни јагниња, се грижат оние кои би требало да ги бараат загубените овци! За сето тоа време милиони и милиони души пропаѓаат без Христа. {КВ 825.3}

Божјата љубов кон човекот се раздвижила до своите несфатливи длабочини и ангелите се вчудовидени кога гледаат дека оние на кои им е укажана толку голема љубов, само површно се благодарни. Ангелите се чудат што луѓето толку малку ја ценат Божјата љубов. Небото негодува заради немарноста која се манифестира кон човечките души. Дали сакаме да знаеме како Христос гледа на тоа? Што би чувствувале таткото и мајката кога би знаеле дека нивното дете се изгубило во студ и снег и дека било одминато и оставено да пропадне од оние кои можеле да го спасат? Зар тие не би биле длабоко ожалостени и многу лути? Зар не би ги обвинувале тие убијци со гнев жежок како нивните солзи и длабок како нивната љубов? Страдањата на секое човечко суштество се страдања на едно Божјо дете и оние кои не пружаат рака за помош на своите ближни кои пропаѓаат, го предизвикуваат Неговиот праведен гнев. Тоа е гневот на Јагнето. На оние што тврдат дека имаат заедница со Христа, а се рамнодушни кон

потребите на своите ближни, Тој ќе им изјави на големиот суден ден: „Не ве познавам од каде сте; отстапете од Мене сите што вршите беззаконие”. (Лука 13:27) {КВ 825.4}

Во налогот што го оставил на Своите ученици, Христос не само што им ја одредил нивната задача, туку им ја дал и пораката која треба да ја објавуваат. „Научете го народот,“ рекол Тој, „да држи сè што вам ви заповедав”. Учениците требало да го поучуваат она што Христос го поучувал. Со тоа било опфатено сè што Тој кажал, не само лично, туку и преку пророците и учителите од Стариот Завет. Човечките учења се исклучени. Тука нема места за традиции, ниту за човечки теории и заклучоци или за црковни прописи. Тој налог не опфаќа никакви закони издадени од страна на црковни авторитети. Христовите слуги не треба да проповедаат ништо од тоа. „Законот и пророците,“ заедно со она што е запишано за Христовите зборови и дела тоа богатство доверено на учениците требало да го пренесат на светот. Христовото име било нивна лозинка, знак за нивно распознавање, врска на нивното единство, овластување за нивната работа и извор на нивниот успех. Во Христовото царство не треба да се признава ништо што не носи Негов натпис. {КВ 826.1}

Евангелието не треба да се проповеда како некоја безживотна теорија, туку како една жива сила која го менува животот. Бог сака оние кои ќе ја примат Неговата благодат да бидат сведоци на нејзината сила. Тој со задоволство ги прима оние кои со своите постапки најмногу Го навредувале; кога таквите ќе се покајат, Тој им го дарува Својот божествен Дух, ги поставува на најдоверливи положби и потоа ги испраќа кај неверните за да ја објават Неговата безгранична милост. Бог сака Неговите слуги да го посведочат фактот дека преку Неговата благодат луѓето можат да развијат карактер сличен на Христовиот и да се радуваат на уверувањето за Неговата љубов. Тој сака да пружиме сведоштво за фактот дека Тој не може да биде задоволен сè додека човечкиот род не се поврати и додека повторно не ги добие светите предности како на Негови синови и ќерки. {КВ 826.2}

Во Христа се наоѓаат нежноста на пастирот, љубовта на родителите и неспоредливата благодат на сочувствителниот Спасител. Тој ги прикажува Своите благослови со најпривлечни зборови. Тој не се задоволува само да ги објави тие благослови, туку ги прикажува на најпривлечен начин, така што кај луѓето предизвикува желба да ги поседуваат. Така и Неговите слуги треба да го прикажуваат богатството на славата на тој неискажлив Дар. Прекрасната Христова љубов го растопува срцето и го потчинува, додека со самото повторување на доктрината не се постигнува ништо. „Тешете го, тешете го Мојот народ, вели вашиот Бог”. „Качи се на висока гора, Сионе, веснику на радосната вест! Подигни го силно гласот свој, Ерусалиме, веснику на радосната вест! Подигни го и не бој се, кажи им на градовите јудејски: Еве го вашиот Бог... Како пастир Тој ќе го пасе стадото свое, во Своите раце тој ќе ги собере јагнињата и ќе ги носи во Своите прегратки”. (Исаија 40:1,9-11) Зборувајте му на народот за Оној, Кој е „Најдобар меѓу десет илјади“ и Кој е „сиот мил”. (Песна над песните 5:10,16) Тоа не може да се изрази само со зборови. Нека тоа се одрази во карактерот и манифестира во животот. Христос сака Неговиот лик да се наслика во секој Негов ученик. Бог предодредил секој да „се преобрази според ликот на Својот Син”. (Римјаните 8:29) Христовата љубов која долго трпи, Неговата светост, кротост, милост и вистина треба да им се манифестираат на светот во секој еден од нив. {КВ 826.3}

Првите ученици отишле да ја проповедаат Речта. Во својот живот, тие го откривале Христа. Господ работел со нив „и ја потврдуваше Речта со чудесата што ја придружуваа”. (Марко 16:20) Меѓутоа, учениците се подготвувале за ова дело. Пред денот

Педесетница тие се зближиле меѓусебно и ја отфрлиле секоја неслога. Тие биле еднодушни. Верувале во Христовото ветување дека ќе им биде даруван благословот и му се молеле на Бога со вера. Овој благослов не го барале само заради себе, туку ги притискала тежината за спасување на душите. Евангелието требало да се однесе до најдалечните места на Земјата и затоа го барале дарот на силата што им била ветена од Христа. Тогаш на нив се излеала силата на Светиот Дух и илјадници луѓе се обраќале во еден ден. {КВ 827.1}

Така може да биде и сега. Наместо човечки шпекулации, нека се проповеда Божјата Реч. Христијаните треба да ги отфрлат своите меѓусебни несогласувања и во потполност да се предадат на Бога за спасување на изгубените. Нека со вера го бараат благословот и тој ќе дојде. Излевањето на Светиот Дух во деновите на апостолите бил „ран дожд," а резултатите биле величествени. Но, „позниот дожд" ќе биде поизобилен. (Јоил 2:23) {КВ 827.2}

Сите оние кои со душа, тело и дух ќе Му се посветат на Бога, постојано ќе примаат нов дар на телесна и ментална сила. На располагање им се неисцрпните небесни извори. Христос им го дава здивот на Својот Дух, животот на Својот живот. Светиот Дух ги дава своите најдобри сили да работат во срцето и умот. Божјата благодат ги проширува и ги умножува нивните способности и сето совршенство на божествената природа им Доаѓа на помош во делото на спасување на душите. Соработувајќи со Христа, тие стануваат комплетни во Него и се оспособуваат во својата човечка слабост да ги вршат делата на Семоќниот. {КВ 827.3}

Спасителот копнее да ја манифестира Својата благодат, да стави Свој печат врз карактерот на целиот свет. Тој сака луѓето да ги направи слободни суштества, да бидат чисти и свети, бидејќи тие се Негова откупена сопственост. Иако сатаната се труди да ја попречи оваа цел, Сепак благодарение на пролеаната крв за светот, ќе бидат извојувани многу победи, кои ќе му донесат слава на Бога и на Јагнето. Христос нема да се задоволи сè додека победата не биде потполна и „Тој ќе го види трудот на Својата душа и ќе биде задоволен". (Исаија 53:11) Сите народи на Земјата ќе го слушнат евангелието на Неговата благодат. Сите нема да ја примат Неговата благодат; меѓутоа „едно потомство ќе му служи Нему. За Господа ќе се кажува на следното поколение". (Псалм 22:30) „А царството, власта и величеството под сите небеса ќе му се дадат на народот на светите на Севишниот," и „Земјата ќе биде полна со знаење за Господа, како морето што е полно со вода". „До запад ќе се бојат од името Господово и од славата Негова од сончевиот (исток) изгрев". (Даниел 7:27; Исаија 11:9; 59:19) {КВ 827.4}

„Колку се красни на горите нозете на оној што носи радосни гласови, кој огласува мир; на оној што носи добри вести, кој навестува спасение; на оној што му вели на Сион: твојот Бог царува!... Радувајте се, ликувајте урнатини... зашто Господ го утеши Својот народ... Ја засука Господ Својата света мишка пред очите на сите народи и сите земни краишта ќе го видат спасението на нашиот Бог". (Исаија 52:7-10) {КВ 828.1}

87. „КАЈ СВОЈОТ ОТЕЦ И ВАШИОТ ОТЕЦ"

Оваа поглавје е засновано на Лука 24:50-53; Дела 1:9-12.

Дошло време Христос да се вознесе до Татковиот престол. Како божествен победник, Тој се подготвувал во небесните дворови да се врати со трофеите на Својата победа. Пред Својата смрт Тој му изјавил на Својот Татко: „Ја завршив работата што ми ја даде да ја свршам". (Јован 17:4) По Своето воскресение, Христос уште извесен период престојувал на Земјата, за да можат Неговите ученици да Го запознаат и во Неговото воскреснато и прославено тело. Сега бил подготвен да се раздели од нив. Тој ја докажал веродостојноста на фактот дека Тој е жив Спасител. Неговите ученици за Него веќе не морале да мислат како за Оној, Кој лежи во Јосифовиот гроб. Тие за Него треба да мислат како за Оној, Кој се прославил пред целата вселена. {КВ 829.1}

За Своето вознесение, Христос одбрал место кое толку често било посветено со Неговото присуство додека престојувал меѓу луѓето. Ниту гората Сион каде што се наоѓал Давидовиот град, ниту гората Морија каде што се наоѓал храмот, не требало да бидат почестени на тој начин. На тие места Спасителот бил исмеван и отфрлен. Тука срцата кои биле тврди како карпа ги одбивале брановите на милоста, кои повторно се враќале во изливи на уште поголема љубов. Оттаму Исус, уморен и со тешко срце, отишол понатаму да бара мир на Маслиновата Гора. Тука светиот облак на Божјата слава, заминувајќи од првиот храм, запрел на источната гора, како да не може да се одвои од избраниот град. Така и Христос сега стоел на Маслиновата Гора и го набљудувал Ерусалим, додека срцето му било исполнето со копнеж. Шумичките и долините на таа гора биле посветени од Неговите молитви и солзи. Од нејзините брегови се огласувале триумфалните извици на мноштвото кое го прогласило за цар. На нејзините коси падини Тој нашол дом кај Лазар од Витанија. На нејзиното подножје се наоѓала Гетсиманската градина, местото каде што се молел сам и бил во агонија. Од таа гора Тој требало да се вознесе на небото. На нејзиниот врв ќе се спуштат Неговите нозе кога повторно ќе дојде, но не како човек на болката и срамот, туку како прославен и триумфален Цар. Тогаш ќе стои на Маслиновата Гора, додека еврејските извици „Алелуја" ќе се мешаат со незнабожечкото „Осана", а гласовите на спасените како силна војска ќе се слеат во извикот: „Крунисајте го Господарот над Господарите". {КВ 829.2}

Сега со единаесетминатa ученици Исус се упатил кон таа гора. Кога минувале низ ерусалимската порта, многу зачудени погледи ја набљудувале таа мала група, предводени од Оној, Кој пред само неколку седмици поглаварите го осудиле и распнале. Учениците не знаеле дека тоа е нивна последна средба со Учителот. Исус го поминал времето во разговор со нив, повторувајќи им ги Своите порано дадени упатства. Кога се приближиле кон Гетсиманската градина, Тој запрел за тие да можат да се потсетат на поуките што Тој им ги дал во ноќта на Својата голема агонија. Уште еднаш ја набљудувал лозата со која го прикажал единството на Својата црква со Себе и со Својот Татко; уште еднаш ги повторил вистините кои тогаш им ги изнел. Секаде околу Него се наоѓале докази за Неговата невозвратена љубов. Дури и учениците, кои биле толку драги на Неговото срце, во моментот на Неговото понижување Го осрамотиле и Го напуштиле. {КВ 830.1}

Христос престојувал на овој свет триесет и три години. Тој бил презрен, навредуван и исмеван; Тој бил отфрлен и распнат од овој свет. Сега, кога се подготвувал да се вознесе до Својот престол на славата размислувајќи за неблагодарноста на оние кои дошол да ги спаси нема ли да ги повлече од нив Своето сочувство и љубов? Нема ли Неговата љубов да се сосредоточи на она царство каде што Го ценат и каде што безгрешните ангели чекаат да го извршат Неговиот налог? Не, Неговото ветување

дадено на оние што ги сака и што ги остава на Земјата, гласи: „Јас сум со вас во сите дни до свршетокот на светот”. (Матеј 28:20) {КВ 830.2}

Кога стигнале до Маслиновата Гора, Исус ги повел преку врвот во близина на Витанија. Тука застанал и учениците се собрале околу Него. Додека ги набљудувал со поглед полн со љубов, изгледало дека светлина зрачи од Неговото лице. Не ги прекорувал заради нивните грешки и недостатоци; туку зборови со најголема нежност биле последните зборови што ги слушнале од усните на својот Учител. Раширувајќи ги Своите раце за да ги благослови и како да им ветува Своја заштита, Тој полека се издигнувал од нив, привлечен кон небото со сила посилна од која било земна привлечна сила. Додека Тој се издигнувал кон небото, вчудовидените ученици ги напрегале своите очи за да го фатат и последниот поглед на нивниот Господ, Кој се вознесувал. Облак од слава Го сокрил од нивните погледи и додека Го прифаќала ангелска копа слична на облак, до нив допирале зборовите: „Еве, Јас сум со вас во сите дни до свршетокот на светот”. Во исто време до нив стигнала најумилна и најрадосна музика на ангелски хор. {КВ 830.3}

Додека учениците сè уште зачудено гледале во небото, некој им се обратил со глас, кој звучел како најраскошна музика. Се свртеле и виделе двајца ангели во човечки облик, кои им рекле: „Луѓе Галилејци, што стоите и гледате кон небото? Истиот овој Исус, кој се вознесе на небото меѓу вас, пак ќе се врати исто онака како што Го видовте дека заминува на небото”. {КВ 831.1}

Овие ангели припаѓале на онаа група, која во блескав облак чекала да Го испрати Исуса до Неговиот небесен дом. Највозвишени во ангелското мноштво, тие двајца дошле на Христовиот гроб при Неговото воскресение, а тие биле покрај Него и во текот на Неговиот целокупен живот на Земјата. На небото сите со најдлабок копнеж очекувале да заврши Неговото задржување на овој свет осквернет од проклетството на гревот. Сега дошол моментот небесната вселена да го прими Својот Цар. Зар овие двајца ангели не копнееле да му се придружат на мноштвото кое со добредојде го поздравувало Исуса? Меѓутоа, во сочувство и љубов кон оние кои Тој ги оставил, тие почекале за да ги утешат. „Зар не се сите тие службени духови испратени да им служат на оние што ќе го наследат спасението?“ (Евреите 1:14) {КВ 832.1}

Христос се вознел на небото во човечки облик. Учениците виделе облак кој Го прифатил. Оној Исус, Кој некогаш пешачел, разговарал и се молел со нив, Кој го кршел лебот, седел заедно со нив во нивниот чамец на езерото и Кој со нив тој ден напорно се искачувал на Маслиновата гора тој Исус, сега заминал да го дели престолот на Својот Татко. Ангелите им дале уверување дека токму тој Исус, Кого Го виделе како заминува на небо, повторно ќе дојде на истиот начин како што заминал. Тој ќе дојде „со облаци и ќе го види секое око”. „Зашто сам Господ со заповед, со архангелски глас и со звук на Божја труба ќе слезе од небото и најпрво ќе воскреснат умрените во Христа”. „Синот Човечки ќе дојде во Својата слава во придружба на сите ангели, а потоа ќе седне на престолот на Својата слава“ (Откровение 1:7; 1. Солунјаните 4:16; Матеј 25:31) Така ќе се исполни Господовото ветување што им го дал на Своите ученици: „Кога ќе заминам и ќе ви приготвам место, ќе се вратам да ве земам кај Себе и вие да бидете таму каде што сум Јас”. (Јован 14:3) Учениците навистина можеле да се радуваат во надежта дека нивниот Господ повторно ќе се врати. {КВ 832.2}

Кога учениците се вратиле во Ерусалим, луѓето ги набљудувале со вчудовидување. По судењето на Христа и по Неговото воскресение, се сметало дека тие ќе изгледаат потиштени и посрамени. Нивните непријатели очекувале на нивното лице да видат

израз на тага и пораз. Наместо тоа, на нивното лице сега се одразувало само радост и триумф. Биле озарени од среќа која не потекнувала од Земјата. Тие не ги оплакувале неостварените надежи, туку биле исполнети со оддавање слава и благодарност на Бога. Со радост раскажувале за чудесните настани за Христовото воскресение и вознесување на небото и многумина го прифатиле нивното сведоштво. {КВ 832.3}

Учениците веќе не гледале со недоверба во иднината. Знаеле дека Исус е на небото и дека Неговата љубов кон нив не се изменила. Знаеле дека имаат пријател крај Божјиот престол и желно сакале да ги упатат своите молитви кон Таткото во Христово име. Со свечено стравопочитување се поклониле во молитва, повторувајќи го уверувањето: „Што и да побарате од Таткото во Мое име, ќе ви даде. Досега не баравте ништо во Мое име. Барајте и ќе примите, за радоста ваша да биде потполна". (Јован 16:23,24) Сè повеќе и повеќе ги подавале рацете на верата, повикувајќи се на силниот аргумент: „Исус Христос Кој умре, па уште и воскресна, Кој е од десната страна на Бога и Кој посредува за нас". (Римјаните 8:34) Големиот ден на Педесетница им донел полнина на радост во појавата на Утешителот, токму онака, како што ветил Христос. {КВ 833.1}

Цело небо се подготвувало да Му посака добредојде на Спасителот при враќањето во небесните дворови. Вознесувајќи се од Земјата, Тој предводел мноштво заробеници ослободени при Неговото воскресение. Војски ангели со извици и восклици на слава и небесни песни, ја следеле радосната поворка. {КВ 833.2}

Кога се приближиле кон Божјиот град, ангелите кои се наоѓале во Христова придружба, повикале: {КВ 833.3}

„Порти, подигнете ги своите надвратници,
Подигнете се вечни порти,
Да влезе Царот на славата!" {КВ 833.4}
Радосно возвратила стражата што чекала: {КВ 833.5}
„Кој е тој Цар на славата?" {КВ 833.6}

Ова го кажале не затоа што тие не знаеле кој е Тој, туку затоа што сакаат да го слушнат одговорот на возвишена фалба: {КВ 833.7}

„Господ моќен и силен,
Господ силен во бој.
Порти, подигнете ги своите надвратници,
Подигнете се вечни порти,
Да влезе Царот на славата!" {КВ 833.8}

Повторно се слушнал повикот: „Кој е тој Цар на славата?" зашто ангелите никогаш не се уморуваат да слушаат како се возвишува Неговото име. Ангелите од Христовата придружба одговориле: {КВ 833.9}

„Господ над војските,
Тој е Царот на славата". (Псалм 24:7-10) {КВ 833.10}

Тогаш ширум се отвориле портите на Божјиот град, а триумфалната поворка на чело со Христа и со мноштво ангели, во придружба на величествена музика, влегла во градот. {КВ 833.11}

Тука е престолот, а околу него виножитото на ветувањето. Тука се херувимите и серафимите. Тука се заповедниците на ангелските чети, Божјите синови, претставниците на безгрешните светови. Небесниот совет пред кој некогаш Луцифер го обвинувал Бога и Неговиот Син, претставниците на оние безгрешни царства над кои сатаната сакал да го воспостави своето царство сите се тука за да Му посакаат добредојде на Спасителот. Тие се желни да ја прослават Неговата победа и да Го прослават својот Цар. {КВ 834.1}

Меѓутоа, Тој ги задржал, мавтајќи им со раката. Уште не; уште не може да го прими венецот на славата и царската облека. Тој излегува пред лицето на Својот Татко. Ја покажува ранетата глава, прободените ребра, повредените нозе; ги подига Своите раце со лузни од клиновите. Тој покажувал на знаците на Својата победа. Тој, како лелеави снопови му ги претставува на Таткото оние што воскреснале заедно со Него како претставници на она силно мноштво што ќе воскресне од гробот при Неговото второ доаѓање. Тој Му се приближува на Таткото, Кој секогаш се радува кога еден грешник се кае и Кој се радува над секој таков со песна. Пред да бидат поставени темелите на оваа Земја, Таткото и Синот се согласиле со свечен завет дека ќе го спасат човекот доколку тој биде измамен од сатаната. Ги стегнале Своите раце во свечен завет дека Христос ќе стане гаранција за човечкиот род. Христос целосно го исполнил тој завет. Кога на крстот извикал: „Се сврши,“ Тој му се обратил на Таткото. Спогодбата била целосно исполнета. Сега Тој изјавил: „Татко, свршено е. Ја исполнив Твојата волја, Боже Мој. Го извршив делото на откупувањето. Ако Твојата правда е задоволена, сакам оние што ми ги даде да бидат со Мене каде што сум Јас”. (Јован 19:30; 17:24) {КВ 834.2}

Тогаш се слушнал Божјиот глас, Кој објавил дека правдата е задоволена. Сатаната е победен. Христовите следбеници кои се борат и мачат на Земјата, се „примени во Возљубениот”. (Ефесјаните 1:6) Пред небесните ангели и пред претставниците на безгрешните светови, тие се прогласени за оправдани. Каде што е Христос, таму ќе биде и Неговата црква. „Милоста и вистината ќе се сретнат, правдата и мирот ќе се прегрнат”. (Псалм 85:10) Таткото Го прегрнал Својот Син и била искажана Речта: „Нека Му се поклонат сите Божји ангели”. (Евреите 1:6) {КВ 834.3}

Со неискажана радост поглаварите, началствата и властите ја признале врховната власт на Кнезот на животот. Ангелските војски паднале ничкум пред Него, додека радосните извици ги исполнувале сите небесните дворови: „Достојно е Јагнето, Кое е заклано да прими сила и богатство, мудрост, моќ, чест, слава и благослов”. (Откровение 5:12) {КВ 834.4}

Победничките песни се слеале со музиката од ангелските харфи, сè додека не изгледало дека целото Небо е преплавено со радост и пофалба. Љубовта победила. Изгубеното е најдено. Небото одѕвонувало во возвишени песни кои објавуваат: „На Оној што седи на престолот и на Јагнето: благослов и чест, слава и власт во сите векови”. (Откровение 5:13) . {КВ 834.5}

Од таа сцена на небесна радост, до нас на Земјата ни се враќаат како одек прекрасните Христови зборови: „Се враќам кај Мојот Татко и кај вашиот Татко, кај Мојот Бог и кај вашиот Бог”. (Јован 20:17) Небесното и земното семејство станале едно. Заради нас Христос се вознел и заради нас Тој живее. „Затоа може целосно да ги спаси оние кои преку Него доаѓаат кај Бога, зашто секогаш живее за да посредува за нив”. (Евреите 7:25) {КВ 835.1}

СОДРЖИНА

„БОГ СО НАС“
ИЗБРАН НАРОД
„КОГА СЕ НАВРШИ ВРЕМЕТО“
„ДЕНЕС ВИ СЕ РОДИ СПАСИТЕЛ“
ПОСВЕТУВАЊЕ
„ЈА ВИДОВМЕ НЕГОВАТА SВЕЗДА“
ИСУС КАКО ДЕТЕ 37
ПОСЕТАТА ЗА ВРЕМЕ НА ПРАЗНИКОТ ПАСХА
ДЕНОВИ НА БОРБА
ГЛАС ВО ПУСТИНАТА

ИСУСОВОТО КРШТЕВАЊЕ
ИСКУШЕНИЕ ВО ПУСТИНАТА
ПОБЕДА
„НИЕ ГО НАЈДОВМЕ МЕСИЈАТА“
НА СВАДБЕНА СВЕЧЕНОСТ
ХРИСТОС ВО СВОЈОТ ХРАМ
НИКОДИМ
„ТОЈ МОРА ДА РАСТЕ“
НА ЈАКОВОВИОТ ИЗВОР
„АКО НЕ ВИДИТЕ ЗНАЦИ И ЧУДА“
ВИТЕЗДА И СИНЕДРИОНОТ
ЗАТВОРАЊЕТО И СМРТТА НА ЈОВАН
„СЕ ПРИБЛИЖИ БОЖЈОТО ЦАРСТВО“
„ЗАР НЕ Е ОВОЈ СИНОТ НА ДРВОДЕЛЕЦОТ?“
ПОВИК УПАТЕН КРАЈ МОРЕТО
ВО КАПЕРНАУМ
„АКО САКАШ МОЖЕШ ДА МЕ ОЧИСТИШ“
ЛЕВИЈ МАТЕЈ
САБОТАТА
„И РАКОПОЛОЖИ ДВАНАЕСЕТМИНА“
БЕСЕДА НА ГОРАТА
РИМСКИОТ КАПЕТАН
КОИ СЕ МОИТЕ БРАЌА?
ПОВИК
„МОЛКНИ, СТИВНИ!“
ДОПИРОТ НА ВЕРАТА
ПРВИТЕ ЕВАНГЕЛИСТИ
„ДОЈДЕТЕ... И ПОЧИНЕТЕ СИ МАЛКУ“
„ДАЈТЕ ИМ ВИЕ ДА ЈАДАТ“
НОЌ НА ЕЗЕРОТО
КРИЗА ВО ГАЛИЛЕЈА
ТРАДИЦИИ
УРНАТИ ПРЕПРЕКИ
ВИСТИНСКИ ЗНАК
НАВЕСТУВАЊЕ НА КРСТОТ
ИСУСОВОТО ПРЕОБРАЗУВАЊЕ
СЛУЖБА
КОЈ Е НАЈГОЛЕМ?
НА ПРАЗНИКОТ СЕНИЦИ
МЕЃУ СТАПИЦИ 346
„СВЕТЛИНА НА ЖИВОТОТ“
БОЖЕСТВЕН ПАСТИР
ПОСЛЕДНОТО ПАТУВАЊЕ ОД ГАЛИЛЕЈА
ДОБРИОТ САМАРЈАНИН381
БОЖЈОТО ЦАРСТВО НЕМА ДА ДОЈДЕ ВИДЛИВО
БЛАГОСЛОВУВАЊЕ НА ДЕЦАТА
„ЕДНО ТИ НЕДОСТИГА“

„ЛАЗАРЕ, ИЗЛЕЗИ НАДВОР“
ЗАГОВОРИ НА СВЕШТЕНИЦИТЕ
ЗАКОНОТ НА НОВОТО ЦАРСТВО
ЗАКХЕЈ
ГОЗБА ВО СИМОНОВИОТ ДОМ
„ДОАЃА ТВОЈОТ ЦАР“
ОСУДЕН НАРОД
ПОВТОРНО ЧИСТЕЊЕ НА ХРАМОТ
СУДИР
ИСУС ГИ УКОРУВА ФАРИСЕИТЕ
ВО ПРЕДВОРЈЕТО
НА МАСЛИНСКАТА ГОРА
„НА ЕДЕН ОД ОВИЕ МОИ НАЈМАЛИ БРАЌА“
СЛУГА НА СЛУГИТЕ
„ПРАВЕТЕ ГО ОВА ЗА МОЈ СПОМЕН“
„ДА НЕ СЕ ВОЗНЕМИРУВА ВАШЕТО СРЦЕ“
ГЕТСИМАНИЈА
ПРЕД АНА И КАЈАФА
ПРЕДАВНИКОТ ЈУДА
ВО СУДНИЦАТА НА ПИЛАТ
ГОЛГОТА
„СЕ СВРШИ“
ВО ЈОСИФОВИОТ ГРОБ
„ГОСПОД НАВИСТИНА ВОСКРЕСНА“
„ЗОШТО ПЛАЧЕШ?“
НА ПАТОТ ЗА ЕМАУС
„МИР ВАМ“
УШТЕ ЕДНАШ КРАЈ МОРЕТО
„ОДЕТЕ И НАУЧЕТЕ ГИ СИТЕ НАРОДИ“
„КАЈ МОЈОТ ТАТКО И КАЈ ВАШИОТ ТАТКО“